ЕПИСКОП НИКОЛАЈ

ОХРИДСКИ ПРОЛОГ

Епископ НИКОЛАЈ

ОХРИДСКИ ПРОЛОГ

житија, размислувања и беседи

Превел протојереј-ставрофор
Ефтим Бетински

О Х Р И Д
2014

СО БЛАГОСЛОВ НА НЕГОВОТО ВИСОКОПРЕОСВЕШТЕНСТВО ГОСПОДИН

Т И М О Т Е Ј

ПРАВОСЛАВЕН МИТРОПОЛИТ ДЕБАРСКО–КИЧЕВСКИ

ПРЕДГОВОР

*Во 2001 година Издавачката установа „Канео“ при Дебарско–кичевската епархија за првпат го издаде преводот на **Охридскиот пролог** од епископот охридски Николај за потребите на нашите православни верници, како и за свештенослужителите и монаштвото. **Охридскиот пролог** ја содржи свештената историја на Господовите и Богородичните празници, како и мноштво житија на свети апостоли, маченици, преподобни и на останатите Божји угодници. Оваа книга е исполнета со безброј чуда на светиите, кои заради нивната силна и непоколеблива вера, уште тука на земјата, но и по завршувањето на овоземниот живот, биле богато надарени со Божјата благодат да можат да Го сведочат Живиот и Воскреснатиот наш Господ Исус Христос. Оваа книга е извор на жива вода, од која се напојуваат душите на оние кои се жедни за вечен живот и спасение во Царството Небесно. Во една поговорка се вели: „Зборовите поучуваат, а примерите привлекуваат“. Се надеваме дека и безбројните светителски ликови, претставени во оваа корисна и спасоносна книга, ќе привлечат повеќе богобаратели, кои, следејќи ги нивните животни патишта, ќе Го следат и нашиот Спасител.*

Наведеното го посведочува и релативно брзото исцрпување на првото издание, кое беше издадено во два тома, но и на второто издание, кое излезе во еден поголем том. Напомнуваме дека и ова трето издание нема никакви содржински измени, а истото ќе излезе во еден том. И во

ова издание се поместени житијата, поуките и созерцанијата, а изоставена е поезијата, која треба да биде предмет на специјален труд.

Веруваме дека ***Охридскиот пролог*** *ќе го најде своето место во православните домови и ќе се чита и препрочитува со почит, а за дар и благослов од Бога.*

Искрено и топло го препорачуваме и ова трето издание на ***Охридскиот пролог*** *и се молиме истото да биде за духовно надградување на православните христијани и да им послужи како патоказ за вистинско живеење и исполнување на заповедите на нашиот Спасител, Господ Исус Христос, на Кого нека Му е слава и благодарност, заедно со Отецот и Светиот Дух, сега и во сите векови. Амин.*

Митрополит
Дебарско-кичевски,
Тимотеј

Охрид, 04 февруари 2014,
Свети апостол Тимотеј

1 ЈАНУАРИ

1. Обрезание на Господ и Бог и Спасителот наш Исус Христос. Осмиот ден по раѓањето, божествениот Младенец бил донесен во храмот и бил обрезан според законот што постоел во Израел уште од времето на Авраама. Во таа прилика Му го дале името Исус, како што ѝ благовестил архангел Гаврил на Пресвета Дева. Старозаветното обрезание го претставува новозаветното крштавање. Обрезанието на Господа покажува дека Он врз Себе примил вистинско човечко тело, а не привидно како што подоцна за Него учеле еретиците. Господ е обрезан и затоа што сакал да го исполни законот што го дал Он преку пророците и праотците. Исполнувајќи го тој законски пропис, Он го заменил со крштавање во Својата Црква. „Зашто во Исуса Христа ниту обрезанието има некаква сила, ниту необрезанието, туку новата твар" (Гал. 6:15), објавува апостолот. (Во црковната служба овој Господов празник нема ни претпразненство ни попразненство).

2. Св. Василиј Велики архиепископ Кесариски. Роден е во времето на цар Константин. Уште како некрстен, 15 години учел во Атина: филозофија, реторика, астрономија и сите останати светски науки од тоа време. Соученици му биле: Григориј Богослов и Јулијан, кој подоцна станал цар отпадник. На зрели години се крстил во реката Јордан заедно со својот поранешен учител Евул. Бил епископ на Кесарија Кападокиска околу 10 години, а својот земен живот го завршил кога наполнил 50 години од раѓањето. Голем поборник за православието, големо пристаниште на морална чистота и на верска ревност, голем богословски ум, голем творец и столб на Црквата Божја, Василиј потполно заслужено се нарекува Велики. Во црковната служба уште се нарекува и *пчела на Христовата црква*, која им носи мед на верниците и со осилото ги боде еретиците. Сочувани се многу дела од овој црковен отец, и тоа: богословски, апологетски, подвижнички и канонски, како и литургија наречена според неговото име. Оваа литургија се служи 10 пати во годината, и тоа: на 1 јануари, пред Божик, пред Богојавление, во сите недели на Великиот пост, освен на Цветници, на Велики Четврток и на Велика Сабота. Свети Василиј мирно се упокоил на 1 јануари 379 година и се преселил во царството Христово.

РАСУДУВАЊЕ

Зошто треба да се слуша Црквата, а не еден човек кој мисли против Црквата, макар тој да биде наречен најголем мислител? Затоа што Црквата ја основал Господ Исус Христос и затоа што со вдахновение со неа раководи Светиот Дух Божји. Уште, затоа што Црквата означува држава на светиите, градина на питоми овошја. Ако еден се побуни против државата на светителите, значи дека тој не е свет; па тогаш, зошто него да го слушаме? „Црквата е трло“ – вели свети Јован Златоуст – „ако си внатре, волкот не влегува; а-ко ли излезеш, ѕверовите ќе те растргнат... Не оддалечувај се од Црквата; нема ништо посилно од Црквата. Црквата ти е надеж и спасение. Таа е повозвишена од небото, поцврста е од каменот, од земјата е поширока; никогаш не старее, се-когаш се подмладува“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за обрезанието на Господ Исус, и тоа:

1. за Неговата слава во небесното царство каде што Му служат херувимите со страв и трепет;
2. за Неговото понижување и смирение во чинот на обрезанието наменето за грешните;
3. да го набљудувам своето срце: колку сум го обрезал од грешни мисли, пороци и страсти.

БЕСЕДА
за тоа како треба да го избегнуваме злото и да правиме добро

Нека се клони од зло и нека прави добро (Пс. 33:14).

Со овие зборови е искажан целиот наш труд со кој треба да се трудиме овде: на земјата и во земјата, т.е. на оваа материјална земја и во ова материјално тело. Што треба да биде нашиот труд? Да стекнеме две навики: една, да го избегнуваме злото, а втора, да правиме добро. За тоа што е добро а што е зло нашата совест ни кажува непотполно и

нејасно зашто е помрачена со гревот; науката Христова ни кажува потполно и јасно.

Што бара нашиот Господ од нас, браќа? Како што нашите олтари секогаш се свртени кон Исток, така бара и нашите души секогаш да бидат свртени кон доброто. Да го оставаме злото зад нас, во сенка, во јама на заборавот, во темнина на минатото, а ние, од година во година, од ден на ден да се предаваме на доброто; да мислиме за доброто, да мечтаеме за доброто, да зборуваме за доброто и да правиме добро. Господ бара ѕидари, а не урнувачи. Кој ѕида добро, го урива злото. Кој, пак, се свртува да го урне злото, брзо заборава да го ѕида доброто и се претвора во злосторник.

„Отстранувајте се од злото, прилепувајте се кон доброто" (Рим. 12:9), нè поучува апостолот Христов. Мрази го злото, но не мрази го човекот кој прави зло, бидејќи тој е болен. Ако можеш, лекувај го болниот, но не убивај го со твојата омраза. Придржувај се кон доброто и само кон доброто затоа што тоа е од Бога, и затоа што Бог е ризница на сите добра.

О Господи, добар и седобар, научи нè да го избегнуваме злото и да правиме добро поради Твојата слава и поради нашето спасение. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

2 ЈАНУАРИ

1. Св. Силвестер епископ Римски. Роден е во Рим и од својата младост е изучен во светската мудрост и верата Христова. Својот живот секогаш го управувал според евангелските заповеди. Многу се користел со поуките на свештеникот Тимотеј, на чие погубување за верата и самиот присуствувал, па, гледајќи го примерот на смелото жртвување на својот учител, и самиот се задоил со таков дух преку целиот свој живот. Во 30. година од животот постанал епископ Римски. Ги коригирал обичаите на христијаните. Така, на пример, го укинал постот во секоја сабота, како што се правело тоа дотогаш кај некои христијани и определил да се пости само на Велика Сабота и во саботите што ќе паднат во пости. Со своите молитви и чуда им помагал на царот Константин и на неговата мајка Елена да се обратат во вистинската вера и да се крстат. На царицата Елена ѝ помог-

нал да го пронајде Чесниот Крст. Управувал со Божјата црква 20 години и чесно го завршил својот земен живот, преселувајќи се во царството небесно.

2. Преп. Серафим Саровски е еден од најголемите руски подвижници, претскажувачи и чудотворци. Роден е во 1759 година, а се упокоил во 1833 година. Се одликувал со големо смирение. Кога целиот свет го славел, тој себеси се нарекувал „сакатиот Серафим“.

3. Св. Теодота, мајка на светите браќа Козма и Дамјан, бесребреници и чудотворци. Живеела богоугоден живот и во таков живот ги упатила и своите синови.

4. Преп. Амон е голем подвижник од II век. Бил настојател на тавенисиотскиот манастир во горен Мисир (Египет). Под негово раководство се подвизувале околу 300 монаси. Имал благодатен дар на чудотворство и претскажување. Кога еден монах го прашал за совет, тој му рекол: „Биди сличен на престапникот во затвор и како што тој непрестајно прашува: *Кога ќе дојде судијата*? – така и ти, со страв прашувај се“.

РАСУДУВАЊЕ

Како да им одговориш на оние кои говорат: „Не може Чудотворецот Христос да се смести во нашата логика?“ Одговори просто: „Сместете се вие во Неговата“. Во Неговата логика е сместена целата вечност и целото благородство на времето, па, ако сакате, ќе се најде место и за вас. Ако не може бурето во прстенот, тогаш прстенот може во бурето. Блажениот Климент Александриски вели: „Филозофите се деца сè додека не постанат луѓе во Христа... оти, вистината никогаш не е мислење“. Христос дошол да ги поправи луѓето, па дури и човечката логика. Он е наш Логос и наша Логика. Затоа ние мораме да го упатуваме нашиот разум кон Него, а не Него кон нашиот разум. Он е коректор на нашиот разум. Сонцето не се порамнува според нашиот часовник, туку нашиот часовник според Сонцето.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса Христа како божествено Слово (Логос), и тоа:

1. како триедниот Бог создал сè со Своето Слово, т.е. со Христа Господа;

2. како секој човек, кој се оддалечува од Христа Словото Божјо и во кого Го нема Христос, е бесловесен.

БЕСЕДА
за гордоста

Пред погибел гордоста врви, и пред паѓање – надуеноста
(Изреки, 16:18).

Од сè што постои на четирите страни на светот, нас луѓето што може да нè направи горди, освен глупоста и ѓаволската измама? Зарем не дојдовме во овој свет голи и сиромашни, и зарем такви нема од него да излеземе? Зарем не сме го позајмиле сето тоа што го имаме и со смртта зарем нема сето тоа да го вратиме? Оф, колку пати тоа е речено и прекажано! „Ништо не сме донесле на светов, јасно е дека не можеме и ништо да однесеме“ (I Тим. 6:7) – вели премудриот апостол. И кога на Бога Му принесуваме жртва, прост леб и просто вино, ние говориме: „Твои од Твоите, Тебе Ти принесуваме!“ бидејќи ни во светот немаме ништо свое: ни трошка леб, ниту капка вино – ништо, што не е од Бога. Навистина, гордоста е ќерка на безумието, ќерка на помрачениот ум, родена од злобната врска со ѓаволите.

Гордоста е широк прозорец преку кој брзо се ветреат нашите заслуги и сите добри дела. Пред луѓето ништо не нè прави толку празни, ниту пред Бога така недостојни како гордоста. Кога Господ не е горд, зошто ние да бидеме? Кој има поголеми права од Господа да биде горд, Кој го создал светот и Кој со Својата сила го одржува? И гледај, Он се понижи како слуга, како слуга на целиот свет; до смртта, смртта на крстот!

О смирен Господи, изгори го во нашето срце семето на гордоста со огнот на Твојот Свет Дух и всади го во него благородното семе на смиреноста и кроткоста. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

3 ЈАНУАРИ

1. Пророк Малахија. Тој е последен од пророците. Се родил по враќањето на Евреите од вавилонското ропство. Бил со необично убаво лице. Според преданието, народот го викал „ангел", можеби поради неговата надворешна убавина или, пак, поради неговата духовна чистота или, пак, поради неговото дружење со ангелот Божји. Честопати зборувал со ангелот лице в лице. Кога тоа се случувало и некои други од присутните слушале ангелски глас, но не биле достојни да го видат лицето ангелско. Она што ангелот му го јавувал, младиот пророк тоа и го пророкувал. Им викал на неблагодарниот Израил и на беззаконите свештеници. На 500 години пред Христа јасно ја прорекол појавата и службата на Јован Крстител. Но, главно, тој е пророк за денот на Страшниот суд. Се претставил пред Бога уште млад и, по него, повеќе немало пророци во Израилот сè до Јован Крстител.

2. Св. мач. Гордиј. Роден е во Кесарија Кападокиска. Бил офицер во римската војска за време на царот Ликиниј. Но, кога настанало страшното гонење на христијаните, тој ја напуштил војската и се оддалечил во Синајската пустина. Осамен на планината Хорив, Гордиј го поминувал времето во молитва и размислување за тајните на небото и на земјата. Посебно размислувал за ништожноста на овој свет, околу што луѓето толку многу се мачат и се борат на земјата, та на крај посакал да умре и да се пресели во неминливиот и негнилежниот живот. Со таа желба тој се симнал во градот за време на незнабожечките трки и игри. Му се пријавил на градоначалникот како христијанин. Залудно овој го одвраќал од верата со ласкање и со закануване. Гордиј останал непоколеблив и цврст како дијамант, говорејќи: „Зар не е видливо безумие да се купува со овој кратковремен живот вечна мака и погибел?" Осуден на смрт, тој радосно брзал кон губилиштето и по патот им зборувал на џелатите за убавата и слатка наука Христова. И со името Исусово на усните тој го предал своето младо тело на мечот, а праведната душа на Бога во 320 година.

3. Св. Геновева, заштитничка на градот Париз. Со пост, молитва и милостина се удостоила за Божјото царство и се упокоила на 3 јануари во 89. година од својот живот.

РАСУДУВАЊЕ

Понижување и пропаст му допушта Бог на гордиот човек кога тој мисли дека неговата сила е вечно осигурана. Кога злобниот римски епарх Тарквиниј го исекол блажениот Тимотеј, тој го повикал свети Силвестер и со смрт му се заканил, ако овој не му го открие наследството Тимотеево и ако уште, покрај тоа, веднаш не принесе жртва на идолите. Светителот, со евангелски зборови, без страв и трепет, му одговорил: „Безумен, оваа ноќ ќе ти ја земам твојата душа, а со тоа што се фалиш дека ќе ми направиш мене (т.е. со смрт), тебе ќе ти се случи". Гордиот епарх го оковал Силвестер во окови, го врзал во затвор со намера наскоро да го погуби. Кога го направил тоа, тој седнал да руча. Но коска од риба му застанала во грлото. Од пладне до полноќ се труделе лекарите да му го спасат животот, но залудно. На полноќ, Тарквиниј ја испуштил својата горделива душа во најголеми маки. И така се остварило пророштвото на св. Силвестер, но и библиските зборови: „Гордоста доаѓа пред погибел" (Изреки, 16:18).

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за ангелот хранител, и тоа:

1. како ми стои тој од десната страна, поддржувајќи ме сè додека не отстапам од законот Божји;
2. како многупати сум го навредил и изгонил од себе, огрешувајќи се на законот Божји.

БЕСЕДА
за тоа, како се здобива царство Божјо со срцето, а не со јазикот

Не секој што ми вели: „Господи, Господи", ќе влезе во царството небесно... (Мт. 7:21).

Браќа, со јазик не се освојува царство небесно, туку со срце. Срцето е ризница на она богатство со кое се купува царството на срцето, а не јазикот. Ако ризницата е полна со Божјо богатство, т.е. со силна вера, добра надеж, светла љу-

бов и добри дела, тогаш и весникот на тоа богатство – јазикот е верен и мил, ако, пак, ризницата е испразнета од сето тоа богатство, тогаш и нејзиниот весник е лажен и дрзок. Какво срце, такви и зборови. Какво срце, такви дела. Сè, сè зависи од срцето.

Приправањето е немоќно пред луѓето, а уште понемоќно пред Бога. „Ако сум јас Отец", вели Господ преку пророкот Малахија, „ако сум јас Отец, тогаш каде е Мојата чест? И ако сум господар, каде е мојот страв?" Односно, слушам дека ме нарекувате Отец, но не гледам дека ме чувствувате со срцето. Слушам дека ме викате Господар, но во вашите срца не гледам страв кон Мене.

Нашата молитва: „Господи, Господи!" е прекрасна и полезна само тогаш кога извира од молитвеното срце. Господ наредил да се молиме непрестајно, но не само со јазикот за да нè слушнат луѓето, туку и во средината на срцето за да нè види и да нè чуе Господ.

Величествен и чуден Господи, избави нè од лицемерие и влеј го Твојот страв во нашите срца, та срцето наше непрестајно да стои исправено на молитва пред Тебе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

4 ЈАНУАРИ

1. Собор на св. Седумдесет апостоли. Освен 12–те големи апостоли, Господ избрал уште и 70 други, мали апостоли и ги испратил да го проповедаат ***Евангелието***, и тоа: „пред Себе, по двајца во секој град и место, велејќи: *Ете, Јас ве праќам како јагниња меѓу волци*" (Лк. 1–5). Но, како што еден од дванасетте, Јуда, отпаднал од Господа, така и некои од овие седумдесет се откажале од Господа, не со намера да го издадат, туку според човечката немоќ и маловерието (Јов. 6:66). И, како што местото на Јуда било пополнето со друг апостол, така и местата на овие биле пополнети со други избраници. Овие апостоли се труделе во истата работа како и дванаесетте големи апостоли, им биле помошници на дванаесетмината во ширењето и утврдувањето на Божјата црква во светот. Претрпеле многу маки и штети од луѓето и од ѓаволот, но нивната цврста вера и топла љубов кон воскреснатиот Господ ги направила победници на светот и наследници на царството небесно.

2. Евстатиј архиеп. српски. Роден е во Будимската парохија од богоплашливи родители. Како млад се замонашил во Зета, па преминал на повисок подвиг во Хилендар. Со тек на времето постанал игумен хилендарски. Како игумен бил избран за епископ зетски, а по извесно време и за архиепископ српски. Бил многу добродетелен маж и управувал со Христовото стадо со ревност и со љубов. Мирно се упокоил во 1279 година, во старост, извикувајќи пред смртта: „Во Твоите раце, Господи, го предавам мојот дух!" Неговите мошти почиваат под храмот на Пеќската патријаршија.

3. Евнухот на царицата Кандакија. Апостолот Филип го крстил овој црнец и евнух (Д.а. 8, 26–40). По крштавањето, евнухот се вратил во својот дом и почнал да го проповеда Христа. Тој бил првиот апостол на верата меѓу Црнците во Етиопија. Завршил маченички и се удостоил за царството Божјо.

4. Преп. мч. Онуфриј Хилендарец. Во својата младост се налутил на родителите и пред Турците изјавил дека ќе се потурчи. Веднаш потоа се покајал за тие зборови и отишол во Хилендар и се замонашил. Мачен од совеста, тој се решил на маченништво Затоа, со благослов на својот духовник, отишол во Трново, каде што им се јавил на Турците, се изјаснил како христијанин, го исмеал Мухамеда и поради тоа бил исечен на 4 јануари 1818 година во 32 година од својот живот. Телото на овој духовен витез не е сочувано затоа што Турците го фрлиле во морето.

РАСУДУВАЊЕ

Бог ги слуша молитвите на праведниците. Тоа јасно се гледа од животот на Мојсеј и на Илија и на останатите старозаветни праведници и пророци, како и од животот на апостолите и светителите. Кога св. Геновева, како монахиња се подвизувала во Париз, се случило, Атила со своите диви Хуни да го опседнат Париз. Страв и ужас ги обзел жителите на Париз, кои секој час очекувале градот да биде заземен од непријателот. Тогаш св. Геновева го повикала народот да пости и да се моли на Бога, па несреќата ќе се отстрани. Многубројни луѓе и жени се одзвале на повикот на оваа светителка и почнале да постат и да се молат. Геновева, пак, најмногу постела и Му се молела на Бога. По кусо време, непријателот се оддалечил од Париз без никакви вид-

ливи причини и заминал на друга страна. Она што не може да го направи мечот на многу грешници, тоа може да го направи молитвата на еден праведник.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за богатство Божјо на сила, мудрост и љубов, и тоа:

1. богатство на таа сила, мудрост и љубов, покажани во создадената природа;
2. богатство на таа сила, мудрост и љубов, откриени на светот преку Господа Исуса Христа.

БЕСЕДА
за граѓаните на овој свет

Тие не се од светот, како и Јас што не сум од него (Јн. 17:16).

Господ Христос не е од овој свет туку е само во облеката на овој свет. Тој е војвода преоблечен во облека на пленик за да ги спаси плениците заробени од гревот, материјата и сатаната. Каков што е војводата, такви се и неговите војници. И тие, според духот, не се од овој свет: не се пленици, туку слободни, не се робови, туку господари, не се гнилежни, туку бесмртни, не се пропаднати, туку спасени. Такви се сите оние кои ги регрутирал Христос и кои, искусувајќи го бесмртниот живот, доброволно се одрекле од светот и се придружиле кон Него и Му останале верни до крајот на животот на земјата. Ава Мојсеј рекол: „Никој не може да стапи во Христовата војска, ако целиот не биде како оган и ако не ги презира почеста и спокојот, и ако не ги откаже сите телесни желби и не ги сочува сите Божји заповеди". Регрутиран бил и Јуда, но тој отпаднал и повеќе го засакал затворот отколку царскиот дворец, и ропството повеќе од слободата, и гниењето повеќе од бесмртноста, и пропаста повеќе од спасението. Но останатите апостолски регрути, големи и мали, Му останале верни до крајот и извојувале победа што ги прославила на земјата меѓу луѓето и на небото меѓу ангелите. Затоа се слават и се благословуваат и на

земјата и на небото. Сите кои се прославиле со светот, со светот и пропаднале, а тие кои со Христа се прославиле, со Христа и се спасиле. Слава на светот е смртта, а слава Христова е животот, животот вечен и бесмртен.

Господи, бесмртен, иако сме и ние од светот по тело и грев, регрутирај нè и нас во Твојата војска, која не е од светот по тело, по сила, по мудрост и по љубов. И ние, кога ќе го напуштиме овој свет, да живееме во Твоето бесмртно царство со: ангелите, апостолите и светителите поради љубовта и молитвите на Твоите свети апостоли. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

5 ЈАНУАРИ

1. Свешт. мч. Теопемт и Теона. Кога Диоклецијан го објавил гонењето на христијаните, епископот Никомидиски Теопемт бил првиот којшто пострадал за Христа. Тој бил изведен пред царот и царот му се заканил со смртна казна, ако не се одрече од Христа. На оваа закана, храбриот епископ му одговорил на царот: „Стои напишано: не плашете се од оние кои го убиваат телото, а душата не можат да ја убијат. Ти, цару, имаш власт над моето тело, прави со него што ќе сакаш“. Бил многу тепан, мачен со глад и истоштуван на разни начини. Најпосле, царот повикал некој маѓесник Теона, та божјиот човек Теопемт некако со магии да го докрајчи. Теона растворил во водата најсилен отров и му дал на Теопемт да го испие. Теопемт ја прекрстил чашата и го испил отровот. Откако Теона видел дека неговиот отров не му наштетил на Теопемт, се свртел кон царот и извикал: „И јас сум христијанин и Му се поклонувам на Распнатиот“. Двајцата биле осудени на смрт: Теопемт бил со меч исечен, а Теона жив во земјата го закопале во 298 година. Чесно пострадале и постанале граѓани на Христовото царство.

2. Св. пророк Михеј 1. Современик на пророк Илија. На опакиот цар Ахав му прорекол дека тој ќе загине во борбата со Асирците (I Цар. 22; II Дневн. 18). Сè прорекувал усно, ништо не пишувал. Меѓутоа, друг Михеј бил оној кој го прорекол раѓањето на Господа во Витлеем и кој ја напишал книгата на пророштвата.

3. Преп. мајка Синклитикија. По потекло е од Македонија. Воспитана во Александрија. Како богата и угле-

дна девојка имала многу додворувачи кои ја барале, но таа сите ги одбила и се оддалечила од родителската куќа, отишла во манастир. Во најголема воздржаност, бдеење и молитва поживеала до 80. година. Нејзините поуки за монахињите од секогаш се сметани како духовен бисер, бидејќи оваа праведничка не дошла до високата мудрост преку книги, туку преку страдање, мака, денонокно размислување и духовно општење со возвишениот божествен свет. Со душата се преселила во тој возвишен свет во 350 година. Св. Синклитикија, помеѓу останатото, говорела: „... ако е време на пост, немој да се откажуваш од постот, иако си болен, бидејќи, еве, и тие што не постат, страдаат од иста болест“. Уште велела: „Како што откриеното богатство брзо се разграбува, така и добродетелта кога се разгласува, се помрачува и се губи“.

4. Преп. Аполинарија. Ќерка на Антимиј, намесникот на малолетниот цар Теодосиј Помладиот. Таа му била постарата ќерка, додека помладата била безумна. Аполинарија не сакала да се мажи, туку во срцето се прстенувала за Христа и се оддалечила во египетската пустина. Во машка облека и под машко име Доротеј, таа се населила во машки манастир, каде што се подвизувала, вознесувајќи го својот дух непрестајно кон Бога и зборувајќи со љубов кон својот Творец. Некој го посоветувал царскиот намесник Антимиј да ја испрати својата безумна ќерка кај пустиниците да ѝ прочитаат молитва. И, според промислата Божја, се случило својата безумна сестра да ја исцели постарата сестра со силната молитва. Кога Аполинарија се упокоила, се открила тајната дека таа не е машко туку женско. Мажествената храброст на оваа света девица останала како пример и поттик низ вековите на многумина, кои мислеле за своето спасение. Се упокоила во 470 година.

РАСУДУВАЊЕ

Плод, плод и само плод бара Господ од секое живо дрво што се вика човек. Добриот плод е богољубивото, а лош плод е самољубивото срце. Сето она што човекот го има и што го ужива, како: положбата, власта, честа, здравјето, парите, ученоста – сето тоа се само лисја на дрвото. „Секое дрво што не дава добар плод се сече и се фрла во оган“ (Мт. 3:10). Дури и нехристијанските народи го ценеле

доброто повеќе отколку убавите зборови. Колку, пак, тоа мора да биде правило за Христовите следбеници. На еден собор на атињаните, на кој биле и спартански пратеници, некој старец одел од клупа до клупа, барајќи место да седне. Атињаните му се потсмевнувале и не му отстапувале место. Кога старецот пришол кон спартанците, сите скокнале на нозе и му понудиле место. Кога го виделе тоа, атињаните ги пофалиле спартанците со убави пофалби. На тоа спартанците им одговориле: „Атињаните знаат што е добро, но не прават добро". Кој прави добро, тој личи на дрво што на својот домаќин му донесува добар плод. А извор на доброто во човекот е доброто и богољубиво срце.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за совршенството на првиот човек, Адам, и тоа:

1. за неговата близина кон Бога,
2. за неговата сила, мудрост и убавина од Бога,
3. за доброволното покорување на целата природа под власта на безгрешниот Адам.

БЕСЕДА
за нашата немоќ без Господа Христа

Без Мене не можеше да направиште ништо (Јн. 15:5).

Нашиот Господ немал обичај да зборува пренагласено. Ничии зборови во светот не се поодмерени од Неговите. Па кога Он вели дека без Него не можеме да направиме ништо, тогаш тоа така треба и буквално да го разбереме и да го примиме. Тој овде зборува за доброто, а не за злото: никакво добро ние не можеме да направиме без Христа, покрај Христа и наспроти Христа. Он е сопственик, давач и поттикнувач на секое добро. Никакво добро не стои надвор од Него, како што и никакво зло не стои во Него. „Јас сум коренот, а вие лозата", рекол Он. Што може лозата без коренот? Може ли да расте и да донесува плод? Ништо не може, освен да служи за огрев.

Човекот може да мисли колку што сака, но никогаш не може да си замисли едно вистинско добро што не е во Христа и што не излегува од Христа. Ако некој рече дека прави добри и хумани дела без Христа, знајте дека тие негови дела се расипани во јадрото и се разјадени било од суета, било од скриена себичност. Човекот без Христос е исто што и лозата без коренот. Самиот Он тоа ни го рекол. Коренот е скриен и не се гледа, а лозата се гледа. Сепак и грозјето на лозата и самата лоза зависат од коренот. Коренот на секакво добро расте од срцето на Бога Отецот и се полева со сладоста на Светиот Дух.

Господи, Боже, Триедин, помилуј нè и спаси нè! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

6 ЈАНУАРИ

1. Богојавление. Кога Господ Исус Христос навршил 30 години од Своето телесно раѓање, Он ја започнал својата учителска и спасителна дејност. И самиот почеток, Тој го означил со крштавањето во Јордан. Свети Кирил Ерусалимски рекол: „Почетокот на светот е водата, почетокот на ***Евангелието*** е Јордан". При крштавањето на Господа во водата, на светот му била објавена тајната што се навестувала во ***Стариот завет***, за која во стариот Египет и во Индија само се раскажувало, т.е. тајната за божествената света Троица. Отецот се јавил во чувството на слухот, Духот се јавил во чувството на видот, а Синот се јавил во чувството на допирот. Отецот го кажал своето сведочење за Синот, Синот се крстил во водата и Светиот Дух во вид на гулаб лебдел над водата. А кога свети Јован Крстител посведочил и рекол: „Еве Го Јагнето Божјо Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе" (Јн. 1:29) и кога тој Го нурнал и Го крстил Господа во Јордан, со тоа се покажала и Христовата мисија во светот и патот на нашето спасение. Имено, ги зел врз Себе гревовите на родот човечки и под нив умрел (нурнувањето) и оживеал (излегувањето од водата); и ние мора да умреме како стари и гревовни и да оживееме како очистени, обновени и преродени. Ова е Спасителот и ова е патот на спасението. Празникот Богојавление (на грчки *Теофанија*) уште се нарекува и *Просветление*. Случајот на Јордан нè просветува и ни Го покажува Бога како едносушна и нераз-

делна Троица. Тоа е едно. И второ: секој од нас со крштавањето во водата се просветува со тоа што постанува посинет од Отецот на Светлината, преку заслугата на Синот и со силата на Светиот Дух.

РАСУДУВАЊЕ

Некогаш еретичките сказни ѝ досадувале на Црквата Божја, а сега ѝ досадуваат сказните на отстапниците од Бога. Со истрајност во верата, со пристапна молитва, со исповедништво, па дури и со маченииштво е победено тоа досадување. Само на тој начин ќе биде победена таа нова досада. Црквата Божја, садот на божествената Вистина, на крајот ќе триумфира, бидејќи непријателот остана сосема без оружје (Пс. 9:7). Блажениот Климент Александриски, за еретиците кои ја напуштиле Црквата, рекол: „Оној кој паднал во ерес, патува низ сува пустина, напуштајќи Го единиот и Вистински Бог; одделен од Бога тој бара безводна вода, со рацете собира неплодност и влегува во ненаселена и жедна земја“. Истото тоа може денес да се каже и за многу научни хипотетичари и теоретичари кои се раководат од своите мечти, а не со вистината Божја.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за случајот на крштавањето на Господа, и тоа:

1. за Неговото скромно доаѓање на реката Јордан како непознат на сите, освен на Јована;

2. за Неговото нурнување во водата, лебдењето на гулабот над Него и гласот од височината.

БЕСЕДА
за таинствената Божја Троица

Зашто Троица се Кои сведочат на небото: Отецот, Словото и Светиот Дух; и Троица се едно. И Троица се Кои сведочат на земјата: Духот, водата и крвта; и Троица сведочат зедно (1. Јн. 5:7–8).

Кога го читаме ***Светото писмо***, треба будно да внимаваме на секој збор. На брзиот читател нема да му падне во очи разликата што ја повлекува евангелистот помеѓу небесната Троица и земното тројство. За небесната Троица тој вели: „И овие Троица се едно", а за земното вели: „И Троица сведочат заедно". Голема разлика е да се биде едно и да се биде заедно. Отецот, Синот и Светиот Дух се едно, додека духот, водата и крвта се заедно, а не се едно. Сите луѓе на Земјата се заедно, но не се едно. Водата и крвта го прават телото, а духот е дух. „Телото сака спротивни работи на духот, а духот – спротивни на телото" (Гал. 5:17), што значи дека не се едно, но сепак се заедно. И кога човекот ќе умре, заедницата се раскинува и престанува: водата и крвта одат на една страна, а духот на друга. Значи, Божјата Троица на небото не е само заедно, туку е едно.

Постои едно тројство во внатрешното човечко небо кое не треба да биде заедница, туку единство за да биде човекот блажен и на овој и на оној свет. Тоа е единството на умот, срцето и волјата. Додека тоа тројство е само во заедница, дотогаш човекот е во војна и со самиот себеси и со небесната Троица. Кога овие три ќе постанат едно, така што ниедно не владее ниту, пак, робува, тогаш човекот се исполнува со „мирот Божји што надвишува секој ум" (Фил. 4:7), секој збор, секое објаснување, секој страв и секаква тага. Тогаш малото небо во човекот приличи на големото Божјо небо и образот и подобието Божјо постануваат јасни за човекот.

Господи, Триеден, помогни ни да личиме барем на оние кои личат на Тебе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

7 ЈАНУАРИ

1. Св. Јован Крстител. Поради тоа што главната улога на св. Јован се одиграла на денот на Богојавление, Црквата од старини денот по Богојавление го посветила во негов спомен. За овој ден уште се поврзува и случајот со раката на Претечата. Евангелистот Лука посакал да го пренесе телото на св. Јован од Севастија, каде што големиот пророк бил исечен од Ирода, во Антиохија, во своето родно место. Но успеал да добие и да пренесе само една рака, која се чувала во Антиохија до X век, па потоа била пренесена во Цариград, од каде што исчезнала за време на Турците.

Св. Јован се прославува неколку пати во годината, но најмногу славеници има овој ден, 7 јануари. Меѓу евангелските личности, кои Го следат Спасителот, личноста на св. Јован зазема посебно место, како според начинот на своето доаѓање во светот, така и според начинот на животот во светот, и според улогата на крштавање на луѓето за покајание и крштавањето на Месијата, како и, најпосле, трагичното заминување од овој свет. Тој бил со таква морална чистота што навистина можел да се нарече ангел, како што и го нарекува ***Свето̄то̄ п̄исмо,*** отколку како смртен човек. Од сите останати пророци, св. Јован се разликува посебно со тоа што тој ја имал таа среќа, со рака да му го покаже на светот Оној за кого пророкувал.

Се раскажува за раката на св. Јован дека секоја година на денот на светителот, архијереј ја изнесува пред народот. Понекогаш таа рака се појавувала раширена, а понекогаш згрчена. Во првиот случај означувала родна и богата година, а во вториот – неродна и гладна.

2. Св. мч. Атанасиј. Овој Христов маченик бил прост и сиромав човек, но богат со вера и мудар со Духот Божји. Еднаш, не сакајќи, почнал расправија за верата со некој Турчин. Турчинот бил образован и вешт на збор, но Атанасиј се трудел со сите сили да ја истакне и да ја потврди вистината и предноста на христијанската вера над мухамеданската. Потоа се разотишле. Вториот ден Атанасиј бил повикан на суд. Турчинот стоел пред судијата како тужител. Кога судијата го повикал Атанасија да се одрече од верата Христова и да се потурчи, како божем тоа да го изјавил пред својот сопатник претходниот ден, Атанасиј извикал: „Побрзо ќе примам илјадапати смрт, отколку да се одречам од верата Христова!“ Затоа тој бил осуден на смрт, му била

отсечена главата во 1700 година во Смирна. Неговото тело било погребано во црквата „Св. Параскева“ во истиот град.

РАСУДУВАЊЕ

„Човекот не е нешто невидливо“ – рекол св. Василиј Велики. Како што куќите се слични, така и луѓето надворешно си личат еден на друг. На куќата ѝ се оддава чест според оној кој живее во неа; на човекот му се оддава чест според духот што живее во него. И на телесниот вид му е јасно дека куќата не е домаќин, туку само куќа во која живее домаќинот; но само на духовниот вид му е јасно дека телото не е човекот, туку само куќа во која живее човекот.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за одењето на Господа на гората на искушенијата, и тоа:

1. како Он веднаш по крштавањето се упатува на пост и молитва;
2. како ѓаволот Му прави сопки на крстениот човек, посебно за време на постот и молитвата;
3. како Он кротко како јагне, но решително како господар ги одбил сите ѓаволски искушенија.

БЕСЕДА
за покорност на волјата Божја

Да биде волјата Твоја, како на небото така и на земјата (Мт. 6:10).

Блазе си му на Јована Крстител, бидејќи го исполнил ***Евангелието*** пред ***Евангелието***. Одејќи во пустината, тој потполно се предал на волјата Божја, и со тело и со душа. И волјата Божја се извршувала и на земјата на неговото тело и на небото на неговата душа. Ни гладот, ниту ѕверовите не му го повредиле телото во пустината за многу години, ниту пак, душата му ја повредило очајанието поради осаменоста, ниту гордоста, поради небесните видувања. Тој не побарал

од луѓето ни леб ни знаење. Сѐ Бог му дал од тоа што имал потреба, бидејќи потполно се предал на волјата Божја. Тој не ги управувал своите чекори ниту низ пустината, ниту надвор од неа. Невидливо кормило управувало со неговиот живот. Зашто кога требало да излезе од пустината и да тргне во пресрет на Господа, се вели: „Му рече Бог на Јована“ (Лк. 3:2). Како невино момче, така просто раскажува Јован за општењето со силите небесни: „Јас не Го познавав, но Оној што ме испрати да крштавам со вода, ми рече: *Врз Кого ќе видиш да слегува Духот и да останува над Него, Тој е Кој ќе крштава со Дух Свети*“. „И јас видов и посведочив дека е Овој Син Божји“ (Јн. 1:33–34). Колку нежно и просто тој зборува за небесните предмети! А колку е страшен како лав кога зборува против неправдата на луѓето, против Ирода и Иродијада. Јагнето и лавот во него живеат заедно. Небото нему му е блиску како што ѝ е детето на мајката. И волјата Божја на него му е така пристапна и јасна како што им е на ангелите на небото.

Господи, Премудри, упати го според Твојата волја и животот на нас грешните во пустината на овој живот како што Си го упатил животот на св. Јована Крстител. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

8 ЈАНУАРИ

1. Св. мч-ци Јулијан и Василиса. Овие свети маченици потекнуваат од добри и богати родители. Иако венчани во брак, тие се заветиле дека ќе живеат девствено: како брат и сестра. Го раздале својот имот на сиромаси и се замонашиле: Јулијан основал машки мнастир, а Василиса – женски. Јулијан имал околу десет илјади монаси, а Василиса до илјада монахињи. За време на лутото мачење на христијаните од Диоклецијан, Василиса Му се молела на Бога ниедна од нејзините монахињи да не се исплаши од маките и да не отстапи од христијанската вера. Господ ја услишал молитвата на достојната слугинка Своја и во период од 6 месеци ги зел кај Себе сите монахињи со ред и на крајот и нивната игуменија Василиса. Пред смртта, Василиса имала видение на своите сестри од оној свет: сите ѝ се појавиле весели и радосни како Божјите ангели и ја повикувале својата духовна мајка што побрзо да им се придружи. Јулијановиот

манастир, пак, бил изгорен до темели од неговите мачители, а Јулијан бил мачен со најтешки маки и потоа бил убиен. Во маките Господ го бодрел и го поткрепувал, та сè јуначки поднесувал, верата ја одржал и името на Христа го прославил. Заедно со Јулијан биле исечени: синот и жената на мачителот Маркијан, Келасиј и Марионила кои, гледајќи го јунаштвото на Јулијан во издржувањето на големите маки, и самите ѝ пристапиле на верата Христова, 20 војници римски, седум браќа од тоа место, презвитерот Антониј и некој Анастасиј, кого Јулијан, за време на маките, со молитва го воскреснал од мртвите. Сите чесно за Христа пострадале и постанале граѓани на небесното царство околу 313 година.

2. Преп. Георгиј Хозевит. Се подвизувал во VII век во хозевитскиот манастир, на патот од Ерусалим за Ерихон каде што порано се подвизувал преп. Јован Хозевит.

3. Св. Доминика. За време на царот Теодосиј, како некрстена дошла од Картагина во Цариград со уште 4 девојки – незнабошки. Ги крстил патријархот Макариј и ги благословил да живеат како инокини. Св. Доминика се предала на подвигот со голема ревност и во таа ревност не слабеела сè до смртта во длабоката старост. Во Господа се упокоила околу 474 година. Просветена со Светиот Дух таа можела да предвидува што ќе се случи во иднина и со молитвите правела чуда.

4. Св. Григориј, еп. Охридски. Благочестив учител и пастир на Христовото стадо. Се упокоил во 1012 година. Во еден натпис во црквата „Св. Софија" во Охрид се нарекува „Григориј премудри".

РАСУДУВАЊЕ

На една плоча во црквата „Св. Софија" биле врежани зборовите: „Измиј ги гревовите свои, а не само лицето". Кој и да влезел во таа славна црква го читал овој натпис и се потсетувал дека христијанската вера бара од него морална чистота: чистота на душата, на срцето и на умот. Но како што е во срцето духовниот човек, така и Господ рекол: „Блажени се чистите по срце". Целата надворешна чистота ништо не помага за добивање на небесното царство. О кога би вложувале толку труд ние околу миењето од гревовите, како што вложуваме секојдневно при миењето на своето ли-

це, тогаш во нашето срце навистина, би се видел Бог како во огледало.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за трите искушенија со кои сатаната го искушувал Господа Исуса, и тоа:

1. за сластољубието (искушението со лебот),
2. за славољубието (воздигнување над храмот),
3. за среброљубивоста (понуда за поседување на целиот свет).

БЕСЕДА
за потребата од внимателност на оние кои мислат дека се сигурни

Кој мисли дека стои, нека гледа да не падне (I Кор. 10:12).

Апостолот, кој дава таков совет, претходно ја познавал човечката природа и сета нејзина немоќ. Ден по ден се потврдува тоа искуство, па штотуку човекот што се исправил од гревовното мочуриште и веќе повторно се ниша и паѓа. Штотуку се излекувал од порокот среброљубивост, а веќе паѓа во порокот славољубие. Или, штотуку ја подал раката да му помогне на бедниот човек, а гордоста го превртува на другата страна. Или, штотуку малку се привикнал на молитвата, а тој ја отвора ширум својата уста да ги навредува оние кои уште не се навикнале на молитвата. Или, штотуку осетил дека Духот Божји го раководи на патот кон спасението, а тој веднаш се наметнува како учител на целиот свет додека со тоа сосема не го истера Духот од себе.

Кога Господ им претскажувал на Своите ученици дека од Него сите ќе се одречат и ќе се разбегаат, тогаш Петар, самоуверен во својата постојаност, извикал: „Дури и сите да се соблазнат, јас нема". Господ, познавајќи му го срцето и гледајќи го веќе паднат во својата горделивост, му рекол: „Вечерва, додека петелот не запее, трипати ќе се одречеш од Мене!" Па кога ваков пад се случил на апостол, во непосредна близина на Господа, тогаш како со нас да не се случи? Затоа, браќа, кога ќе станеме или ќе се повратиме од

некој грев и ќе се исправиме, тоа треба да го припишеме на силата и на милоста Божја, а не на себеси; и треба добро да се обраќаме, да се чуваме и на Бога да Му се молиме пак да не паднеме на било која страна, туку да одиме право по патот Господов.

Господи, Кој сè гледаш, помогни ни да се исправиме со Духот во Тебе; и кога ќе се исправиме, поддржувај нè повеќе да не паѓаме. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

9 ЈАНУАРИ

1. Св. мч. Полиевкт. Ерменскииот град Мелитина е многу натопен со христијанска крв, како и целата ерменска земја. Првата крв за Христа во овој град била крвта на св. Полиевкт, пролеана околу 259 година, за време на Валеријановото царување. Во тој град живееле двајца пријатели – офицери Неарх и Полиевкт. Неарх бил крстен, а Полиевкт некрстен. Кога излегла заповедта на царот за гонење на христијаните, Неарх се подготвувал за смртта, но бил во голема тага што не успеал да го преведе својот другар Полиевкт во православната вера. Кога Полиевкт ја дознал причината за тагата на Неарх, му ветил дека ќе премине во верата. Утредента, тој му го раскажал својот сон: му се јавил самиот Господ во светлина, го симнал од него старото облекло и го облекол во ново, пресветло, седнувајќи го во седло на крилест коњ. Потоа Полиевкт отишол во градот, ја искинал царската заповед за мачењето на христијаните и искршил многу идолски статуи. За тоа бил мачен и осуден на смрт. Кога бил изведен на губилиштето, тој го здогледал Неарха во толпата од народ и радосно му викнал: „Спасувај се, мој драг другару! Сети се на заветот на љубовта што е утврден меѓу нас!" И Неарх подоцна завршил како маченик Христов, во оган. Празничниот спомен му е на 22 април.

2. Преподобен Евстратиј е од Тарс. Голем испосник и молитвеник. Цели 75 години поминати во манастир, тој не легнал на својата лева страна да спие, секогаш спиел на десната. За време на Божјите служби, од почетокот, па сè до крајот, во себе говорел: „Господи помилуј!" Умрел во својата 95. година.

3. Св. Филип Митрополит Московски. Роден е на 11 февруари 1507 година. Еднаш, како момче, стоејќи во цр-

квата го слушнал свештеникот како од ***Евангелието*** чита: „Никој не може да им служи на двајца господари“. Се уплашил многу од тие зборови како да се однесуваат на него, се просветил во исто време и се оддалечил во соловецкиот манастир каде што по долго и тешко искушение се замонашил. Подоцна станал игумен, засветлил како сонце и целата руска земја разбрала за него. Царот Иван Грозни го довел на упразнетото место митрополит московски во 1566 година. Светиот човек, не можејќи рамнодушно да ги гледа лошотиите на царот, почнал да го советува и бестрашно да го изобличува. Царот нашол лажни сведоци против Филипа, го симнал од престолот, му облекол искината монашка мантија, па го затворил во Твер. Во декакември 1569 година Маљут Скуратов, еден царски повереник, дошол во Филиповата келија и го удавил со перницата. Наскоро сите кои биле против Филипа со лоша смрт пострадале. По неколку години, телото на светителот било пронајдено цело негнилежно и мирисно и било пренесено во соловецкиот манастир.

РАСУДУВАЊЕ

Православната црква ги учи луѓето на совршена љубов, но во исто време и на совршена послушност од која произлегува редот и добриот однос помеѓу верниците. Епископите Му се должни послушност на Господа, свештениците на епископите, верниците: едни на други. За тоа пишува св. Игнатиј: „Вие сте должни да слушате без никакво лицемерство: оној кој го мами својот видлив епископ, ќе се насмее над Невидливиот... Ве молам, трудете се да извршувате сè во еднодушноста Божја, под претседателство на епископите, кои Го претставуваат Бога и свештениците кои го сочинуваат соборот на апостолите... не мислејќи дека што и да е правилно што го правите сами, е одделено“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за сите добродетели во личноста на Господа Исуса Христа, и тоа:

1. како секоја добродетел во Него е потполна и совршена, како кај никој друг во историјата на светот;

2. како сите чудно се дополнуваат, една во друга навлегуваат, и една со друга се осветлуваат.

БЕСЕДА
за грижата за спасението на нашите ближни

Никој нека не ја бара својата йолза, шуку йолзаша на ближниош (I Кор. 10:24).

Тоа е начелото на Божјите светители, сега и некогаш, отсекогаш и вечно. Тоа е темелно и општествено начело. На тоа начело може да се заснова најсовршеното, најбогоугодното и најсреќното човечко општество. Тоа е спасоносно начело за секаква потешкотија со која современите луѓе се борат без победа и без надеж. Светата душа се грижи за своите соседи, за ближните и далечните; се грижи каде бездомниците ќе преноќат, како гладните ќе ги нахрани, со што голите ќе ги облече? Се грижи и се моли на Бога, нејзините соседи да се спасат, срцето свое да го исполнат со љубов кон Бога; својот ум да го упатат кон Бога; лошите да се вратат од патот на лошотијата; колебливите во верата да се утврдат; утврдените да се одржат; упокоените да Го видат лицето Божјо; живите да бидат запишани во книгата на живите во царството на светлината.

Но внимавајте, браќа, како, исто така, од збор до збор може да гласи и ѓаволското начело разорно и неопштествено: никој да не го гледа своето тело како да го зачува во чистота од гревот, туку секој да го гледа туѓото тело како да го оскверни и уништи. Никој да не ја гледа својата душа како да ја спаси, туку секој да гледа туѓата душа како да ја оцрни, да ја наклевети, да ја осиромаши и да ја упропасти. Никој да не го гледа својот дом како да го ѕида и обнови, туку секој нека го гледа туѓиот дом како да го изгори и разурне. Никој да не ги гледа своите амбари како да ги наполни, туку секој да ги гледа туѓите житници како да ги украде и да ги испразни. Гледате ли, браќа, како ова начело може да биде начело на доброто и начело на злото; меч со две острици: ангел или сатана. Погледнете како ова начело, во сатански дух и вид,земало замав на сите страни!

О Господи, Духу Свети, Ти кој овие свети зборови си ги пуштил во светот преку јазикот на апостолот Божји како

светли зраци на Сонцето да нè осветлат, а не да нè изгорат, помогни ни да ги исполниме во вистинската смисла небесна, на слава на Триединиот Бог, а за спасение на нашите души. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

10 ЈАНУАРИ

1. Св. Григориј, еп. Ниски е брат на св. Василиј Велики. Прво бил само презвитер затоа што бил оженет, а кога му починала жената, блажена Теозва, го избрале и го посветиле за епископ во Ниса. Се одликувал со огромна светска ученост и духовно искуство. Учествувал на II вселенски собор. Се мисли дека тој го составил вториот дел од *Символот на верата*. Голем беседник и толкувач на ***Светото писмо*** и голем богослов. Поради поразот, ариевците многу го намразиле како свој најстрашен непријател и во времето на царот Валент, нивни едномисленик, успеале да го симнат од епископскиот трон и да го испратат во прогонство. Овој свет отец 8 години поминал во прогонство трпеливо поднесувајќи ја сета беда и сите понижувања. Најпосле, починал во длабока старост, кон крајот на IV век, преселувајќи се во царството Божјо. Низ вековите, овде, на земјата останал како големо светило на Црквата.

2. Преп. Амон. Египетски подвижник. Четиринаесет години се трудел и на Бога Му се молел само да го победи гневот во себе. Достигнал толку големо совршенство на добрина што мислел и не бил свесен дека постои зло во светот. Посебно го познавал ***Светото писмо***. Се упокоил во почетокот на V век.

3. Св. Маркијан. Роден е во Рим, но како презвитер проживеал до крајот на својот век во Цариград; поголем дел за време на царувањето на Маркијан и Пулхерија. Наследувајќи големо богатство од родителите, тој без штедење го потрошил за две цели: на ѕидање и обновување на храмови и на милостиња за сиромасите. Изградил две нови цркви во Цариград познати по својата убавина и светост: посветени на св. Анастасија и на св. Ирина. Кога го прашале, зошто толку многу троши на цркви, тој одговорил: „Кога јас би имал ќерка и би сакал да ја мажам за некој благородник, зар јас не би потрошил многу злато да ја украсам како достојна невеста, а овде ја украсувам Црквата – Невестата Христо-

ва“. Колку, пак, овој прекрасен маж бил дарежлив кон Црквата и сиромасите, толку бил цврст кон самиот себеси, следејќи го советот на апостолите: „Но кога имаме храна и облека со тоа да бидеме задоволни“ (I Тим. 6:8). За него е напишано: „Целиот бешс во Бога и Бог беше во него и Му се претстави на Бога исполнет со добрини и добри дела“ во 471 година.

РАСУДУВАЊЕ

Суетата поради облеката посебно зема замав во нашево време. Кој нема со што друго да се гордее, тој се гордее со облеката. А оној кој би имал со нешто друго подрагоцено од облеката да се гордее, тој не се гордее. Како што златото не излегува на површината на земјата, така ни духовните вредности на еден човек не се покажуваат однадвор. Се зборува како некој познат филозоф видел еден младич како се гордее со својата облека, му се доближил и му шепнал на уво: „Тоа исто руно го носеше пред тебе овен, но сепак бил само овен“. Да бидеш христијанин и да се гордееш со облеката е многу понеразумно, отколку да бидеш цар и да се гордееш со прашината пред своите нозе. Додека св. Арсениј носел облека со злато исткаена во царскиот двор, никој не го нарекувал Велики. Велики го нарекле тогаш кога безобѕирно целиот се предал во служба на Бога и се облекол во партали.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да ја созерцавам ништожноста на Господа Исуса Христа, и тоа:

1. ништожноста на цар, Кој се родил во пештера;
2. ништожноста на најбогатиот Кој гладува и е жеден;
3. ништожноста на Семоќниот во општење со ништожноста на Земјата.

БЕСЕДА
за задоволување со она што ни е најпотребно

Но кога имаме храна и облека со тоа да бидеме задоволни (I Тим. 6:8).

Божјите апостоли ги учеле другите за она со што тие самите го исполнувале својот живот. Кога имале храна и облека, тие биле задоволни. Дури и кога се случувало да немаат ни храна ни облека, тие биле задоволни затоа што нивното задоволство не доаѓало однадвор, туку извирало однатре. Нивното задоволство не било така евтино како животинското задоволство, туку поскапо, многу поскапо и поретко. Внатрешното задоволство, задоволство од мир и љубов Божја во срцето, тоа е задоволство на вишите луѓе. Тоа било апостолско задоволство. Во големите борби генералите се облекуваат и се хранат како и простите војници и не бараат задоволство во храна и облека, туку во победа. Победата е главното задоволство на оние кои се борат. А христијаните се, браќа, во непрестајна борба, во борба за победа на духот над материјата. Во борбата за преовладување на вишиот над нижиот, човекот над скотот. Не е ли повеќе од смешно да се води борба, а да не се грижи за победата, туку за надворешните украси и накити. Не е ли безумно да се даваат знаци за распознавање на својот непријател? Нашиот невидлив непријател се радува на нашата суета и нè поддржува во секоја суетна помисла, нè окупира со сите можни непресметливи ситници, само да би му наметнал на нашиот ум тежок заборав, односно она за што сме ние на земјата. Тој нас ни го претставува ништожното лажно и споредното главно и погубното корисно само да би ја однесол победата над нас и да нè урне засекогаш.

Господи свет, крепок и бесмртен, Кој од кал нè создаде и во калта жива душа вдахна, не давај, Господи, калта да нè надвладее. Помогни му на нашиот дух секогаш да биде посилен од земјата. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

11 ЈАНУАРИ

1. Преп. Теодосиј Велики. Прв основач и организатор бил на монашкиот живот. Роден е во областа Кападокија, во селото Могаријаси, од благочестиви родители. Како младич го посетил св. Симеон Столпник, кој го благословил и му прорекол голема духовна слава. Со кадилницата, во која ставил студен јаглен и темјан, Теодосиј барал место каде би се населил и би изградил манастир, и застанал таму каде што јагленот се запалил самиот од себе. Тука се населил и почнал да се подвизува. Наскоро се собрале околу него голем број монаси кои зборувале различни јазици. Затоа тој изградил црква за секој јазик посебно и така истовремено се служело и се пеело за славата Божја на грчки, ерменски, грузиски и др. На денот на причесната, целото братство се собирало во главната црква, во која се служело на грчки јазик. Трпезата била заедничка за сите, заеднички бил и целиот имот, заедничка работата, заедничко страдањето, а неретко и гладувањето. Теодосиј бил возвишен пример на живот за сите монаси, пример во труд, пост, молитва, бдение и во сите христијански добродетели. Бог го обдарил со дарба на чудотворство да може болни да исцелува, надалеку да се јавува и да помага, ѕверови да скротува, иднината да ја гледа, леб и пченица да умножува. Молитвата му била на устата деноноќно. Се упокоил мирно во Господа кога имал 105 години од раѓањето (во 529 година).

2. Блажен Михаил. Поради Христа – безумен. Русин од кнежевски род. Се преправал безумен пред светот за да ја скрие својата дарба, та луѓето да не го фалат. На тој начин си подготвил за себе пофалба пред Бога. Се упокоил во 1453 година во Клопскиот манастир, во близина на Новгород, каде што му почиваат неговите мошти.

РАСУДУВАЊЕ

Да бидеш поткуплив, значи да не бидеш христијанин. Православните црковни отци никогаш не дозволувале да се поткупат и да се застрашат. Поткупувањето во црковните работи се рамни на Јудиното предавство на Христа за пари; таквото поткупување им било својствено само на некои еретици. Кога царот Анастасиј паднал во евтихиевата ерес, станал против одредбите на IV вселенски собор во

Халкидон и сакал тие одредби да ги обессили. За да придобие познати претставници на Црквата за себе, тој почнал да им испраќа разни дарови. Свети Теодосиј бил најпознат во цела Палестина. Царот нему му испратил 30 кг злато на дар, божем за потребите на манастирот. Теодосиј веднаш разбрал дека царот со тоа сакал да го поткупи. И колку мудро постапил Божјиот светител! Не сакал да го задржи богатството за манастирот, иако бил во голема криза, ниту сакал да му го врати на царот за да не го разлути повеќе против православието, туку го разделил целото злато на сиромасите во името на царот, та со таа милостиња да ја поткрепи својата молитва кон Бога за поправување на царот и негово враќање на вистинскиот пат.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за плачот на Господа Исуса, и тоа:

1. за плачот и тагата над мртвиот Лазар, како и над судбината на Ерусалим;

2. за плачот и тагата во Гетсиманската Градина поради човечкото робување на гревот, демоните и смртта.

БЕСЕДА

за постепеност во духовниот развој

Тврдата храна е за совршените, кои, благодарејќи ѝ на навиката, имаат чувства и се научени да разликуваат добро и зло (Евр. 5:14)

Оние кои се хранат со млечна храна, со сетивното расудување, не можат лесно да разликуваат добро од зло. Тие, обично, доаѓаат до заклучок дека сите вери се со подеднаква вредност, дека гревот е неопходна сенка на доблеста, дека злото воопшто е неминовен придружник на доброто. До вакви погрешни заклучоци не може да дојде вистинскиот христијанин, зашто тој е зрел човек, тој не се храни со млечна храна, тој не им верува на сетилата, тој добро расудува и прави добри разлики меѓу вредностите на сè она што е и што ќе биде. На христијанинот навистина му се дадени јасни упатства на Откровението Божјо за разликување на

доброто и злото, но нему сепак му е потребно друго, но потешко учење, за да би можел како совршен во секој даден случај да знае што е добро, а што е зло. Тоа негово знаење треба да премине во чувство за да биде точно и непогрешно. И доброто и злото сакаат да се допрат до човечкото срце. Затоа, човекот треба да е извежбан да познае веднаш со чувствата во срцето што му се приближува, исто онака како што со јазикот веднаш чувствува солено и несолено, благо и горчливо.

Да се трудиме, браќа, секој ден и секој час да го изостриме своето срце за да може секогаш да ги разликува доброто и злото. Сè што ни се случува, ни поставува прашање: што е добро, а што е зло? Всушност, сè што ни се случува, ни се случува за да можеме да воочиме што е добро и да се определиме за него. И по стопати на ден се ставаме на такви искушенија. Кој има очи да види, нека види.

О Господи, Човекољупче, згреј го срцето наше со доброто што доаѓа од Тебе. И вразуми нè, Господи, да го разликуваме доброто од злото. И укрепи нè, Владико, секогаш да можеме да го прегрнеме доброто, а да го отфрлиме злото поради Твојата слава, Човекољупче, и поради нашето спасение. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

12 ЈАНУАРИ

1. Св. мч. Татјана. Римјанка е, од многу познати родители. Христијанка и ѓакониса при црквата. По смртта на царот Хелиогабал, во Рим царувал царот Александар, чија мајка Мамеја била христијанка. Самиот цар бил колеблив и нерешителен во верата, затоа во својот дворец чувал повеќе статуи: на Христа, на Аполон, на Аврам и на Орфеј. Неговите потчинети ги гонеле христијаните и без наредба на царот. Кога ја извеле девицата Татјана на мачење, таа му се молела на Бога за своите мачители. И, еве, очите им се отвориле и тие виделе четири ангели околу маченичката. Кога го виделе тоа, осуммина од нив поверувале во Христа поради што и тие биле мачени и убиени. Продолжило мачењето на св. Татјана: ја камшикувале, ѝ сечеле месо, ја стружеле со железо и така распарчена и разранета навечер ја фрлале во затворот, та утредента да продолжат со нови маки. Но Бог ги испраќал Своите ангели во затворот, тие ја храбреле и ѝ ги ле-

кувале раните, така што, Татјана секое утро се појавувала пред мачителите потполно здрава. Ја фрлиле пред лав, но лавот се умилкувал околу неа и ништо не ѝ наштетил. Косата ѝ ја отсекле, мислејќи, според својот незнабожечки ум, дека во неа ѝ е скриена некоја магија или некоја волшебна сила. Најпосле, заедно со нејзиниот татко, ги извеле и со меч ги исекле. Така го завршила својот овоземен живот околу 225 година и била овенчана со бесмртен венец на славата оваа јуначка девица, која имала слабо женско тело, но машки и војводски дух.

2. Св. мч. Петар Авесаламит. Роден е од Елевтеропол, во Палестина. Во млади години пострадал за верата Христова, за време на царот Максимин, во 311 година. По многуте маки, бил осуден на смрт. Сослушувајќи ја смртната пресуда, радосно извикал: „Тоа е мојата единствена желба, да умрам за мојот Бог!“ Бил распнат на крст како и самиот Господ и починал на крстот.

3. Млекопитателница. Така се вика иконата на Пресвета Богородица, која св. Сава српски ја донесол од манастирот на св. Сава Освештен, кај Ерусалим, и ја положил во својата Посница на Кареја во Света Гора. И така се исполнило пророштвото на св. Сава Освештен, изречено 800 години пред тоа, дека ќе дојде некој српски свештеник Сава, та да му се предаде таа икона и неговиот жезол. Кога св. Сава српски го посетил манастирот на св. Сава Освештен, монасите се сетиле на пророштвото на основателот на својата обител и му ги предале на св. Сава српски иконата и жезолот. Таа икона е поставена од десната страна на царските двери во Посница, а жезлот во една келија, викана „Патерица“, на Кареја.

4. Преп. Мајка Теодора е славна монахиња и наставничка на монахињите во Александрија. „Како што на дрвото му се потребни зимата и снегот за да донесе плод, така маките и страдањата се потребни на нашиот живот“, говорела оваа света жена. Се упокоила мирно во почетокот на V век.

РАСУДУВАЊЕ

Нема поголема чест или поголемо звање на земјата, отколку да бидеш христијанин. Кога судијатамачител Севир, го прашал младиот Петар Авесаламит: „Од кој род

си?", Петар одговорил: „Јас сум христијанин". Потоа, судијата го прашал: „Во каков чин си?" На тоа Петар одговорил: „Нема ни поголем ни подобар чин отколку да бидеш христијанин". Отец Јован Кронштадски пишува: „Целиот свет е пајажина во споредба со душата на човекот христијанин". Христијанинот е земјен сад во кој е налеана Божјата сила и светлина. Дали тој сад ќе се стави на златен царски престол или ќе се спушти во темната просјачка визба, неговата вредност со тоа не се ни зголемува ниту се смалува. Зар не е иста вредноста на златото кога ќе се завитка во свилена крпа или ќе се стави во лист од зелка?

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за кроткоста на Господа Исуса Христа, и тоа:

1. за Неговата кроткост во нечујниот живот во Назарет сè до 30. година;
2. за Неговата кроткост во обиколката на болните и грешните;
3. за Неговата кроткост во обиколката со предавникот Јуда и со неправедните судии.

БЕСЕДА
за тоа како на Бога му е најмил човекот и на човекот – Бог

Оши јас не ѓо барам вашешо, шуку вас (II Кор. 12:14).

Со овие зборови, што можела да ги изговори само топлата апостолска љубов кон ближните, е искажан односот на христијанинот кон Бога и на Бога кон христијанинот. Љубовта Божја можела да рече: „Ти, христијанину, постиш поради мене, поради мене делиш милостиња, поради мене воздигнуваш топли молитви, поради мене ѕидаш цркви, поради мене принесуваш жртви и многу други добри дела правиш. Сето тоа е добро и сето тоа мене ми е угодно, но ти си ми помил од сето тоа; на крајот на краиштата, јас ништо од сето тоа не го барам, туку те барам тебе, само тебе".

Љубовта на христијанинот, пак, би мжела да рече: „Ти, Господи, ми даваш здравје и тоа е добро. Ти ја палиш светлината, пушташ дождови, со гром воздухот го освежуваш и тоа е добро. Ти даваш богатство, многулетност и пород и безброј други добра. Ти обилно ја поставуваш трпезата на овој живот. И сето тоа е добро и предобро. И сето тоа го примам со благодарност. Но, на крајот на краиштата, тоа е само раб на скутот Твој; на крајот на краиштата, јас ништо од тоа не го барам, туку Тебе, Господи, Тебе единствениот Те барам".

О браќа мои, не е Бог она што се гледа со телесните очи, ниту тоа е човекот што се гледа со телесните очи. Тоа што се гледа во целата природа е само нешто од Бога; и тоа што се гледа во телесната риза е само нешто од човекот. Бог е љубов, браќа, што Бог ја спушта од небото кон земјата; и човекот е љубов, браќа, која земјата ја воздигнува кон небото.

О Господи, Човекољубив, Создателу и Седржителу, всели се повеќе и уште повеќе во нас со Твојот животворен Дух за да бидеме живи во царството без смртта. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

13 ЈАНУАРИ

1. Св. мч. Ермил и Стратоник. Царот Ликиниј започнал големо гонење на христијаните. Св. Ермил, христијанин и ѓакон при некоја црква, бил фатен и приведен на суд. Кога му рекле дека го водат на мачење, тој многу се израдувал. Залудно царот му се заканувал, Ермил ја исповедал својата вера и му одговорил на царот на сите закани: „Господ е мој заштитник, нема да се уплашам: што може да направи човек" (Пс. 117:6). По тешките мачења, Ермила го фрлиле во затвор. Стражар бил Стратоник, таен христијанин, кој со сето срце сочувствувал со страдањата на Ермил. Кога го наклеветиле и Стратоник дека е христијанин, царот пресудил и двајцата да се потопат во реката Дунав. Тогаш ги врзале Ермил и Стратоник во една мрежа и ги потопиле во Дунав. По три дена, нивните тела ги исфрлила водата на брегот, христијаните ги пронашле и ги сохраниле на 18 стадии оддалеченост од Белград. Овие славни маченици пострадале за Христа и се прославиле во 315 година.

2. Св. Јаков еп. Нисибиски. Како отшелник живеел лете на отвореното поле, а зиме во пештера. Еднаш слегол во градот Нисибија да види како успева христијанската вера и како живеат христијаните. Овде бил избран за епископ. Учествувал на I вселенски собор и го заштитувал христијанството од Ариевата ерес. Еднаш се случило незнабожечките Персијанци со војската да нападнат на Нисибија. Св. Јаков излегол со литија до градските ѕидови, самиот се искачил на ѕидовите и одел по нив не плашејќи се од непријателските стрели што биле упатени кон него. Шетајќи се така, светителот се молел на Бога да го сочува градот и верниците на тој начин што ќе им испрати муви и комарци на Персијанците и така ќе ги истера од ѕидините на градот Нисибија. Значи, не ја барал смртта на непријателите, ниту, пак, било каква погибел или пораз, туку само една мала досада со која би ги истерале оттаму. Бог ја почул молитвата на својот угодник и испратил многу муви и комарци на Персијанците, та тие си отишле и градот Нисибија бил спасен. Св. Јаков поживеал долго и чесно и мирно го завршил својот живот во длабока старост во 350 година.

3. Преп. Максим Капсокалив. Во XIV век се подвизувал како монах во Света Гора на свој посебен начин; имено, се правел малку налудничав и постојано го менувал својот престој. Негово живеалиште било колиба од гранки. Една по друга тој ги правел колибите и ги палел, поради што е и наречен *Капсокалив*, т.е. *Паликолиба*. Го сметале за безумен сѐ додека на Света Гора не дошол св. Григориј Синаит, кој во Максима открил единствен подвижник, чудотворен молитвеник и „ангел во тело“. Се претставил пред Господа во 1320 година.

РАСУДУВАЊЕ

Доброто дело со молчење вреди многу повеќе отколку доброто со објаснување и неспоредливо повеќе отколку најдуховитото објаснување без добри дела. Од св. Николај Мирликиски не останале никакви зборови, но останале делата. Без никакви објаснувања, тој трипати доаѓал ноќе кај еден сиромав и тајно, низ прозорецот, му фрлал по едно кесе злато. Некој старец во египетскиот скит тешко се разболел и посакал да касне малку свеж леб (затоа што лебот што го јаделе тогаш монасите бил сушен на сонце и траел со ме-

сеци). Кога го чул тоа еден од монасите, ништо не рекол, туку отишол во некој далечен град и од таму донесол свеж леб за болниот старец. Кога старецот дознал за трудот на овој монах, не сакал да го јаде лебот, велејќи: „Тоа е крвта на братот!“ (т.е. тоа братот со мака го донесол). Тогаш останатите монаси го замолиле старецот да јаде, велејќи му да не ја презира жртвата на братот. Какви објаснувања за братољубието можат да го заменат ова просто и молчаливо дело на братољубие?

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за гладот и жедта на Господа Исуса за правдата, и тоа:

1. како Он доаѓа во светот за да ја поврати погазената правда;
2. како Он ја објавува Божјата правда и ја изобличува неправдата;
3. како Он брзо прави безбројни дела на правдата за да ни остави пример.

БЕСЕДА
за Божјото царство што е во вас

Зашто царството Божјо
е во вас, внатре (Лк. 17:21).

Сè што е Божјо носи печат на бесмртност. И царството Божјо е бесмртно царство. Ако сакаме, значи, да дишеме воздух на бесмртност, мораме да навлеземе внатре во себеси, во своето срце, во царството Божјо. Надвор од нас е воздухот на времето, воздухот на минливоста и гнилежот, во којшто душата тешко дише. Природното царство е царство на чувствата, па оттука и царство на туѓината во споредба со нашата душа, која го претставува нашето внатрешно царство. Зошто луѓето сакаат да престојуваат долго, долго во туѓина? Зошто ретко и безволно влегуваат во својата сопствена куќа? Кога и да помислиме на светот, ние мислиме на туѓина. Кога и да разговараме за сетивниот свет, ние разговараме за туѓината. Живеејќи според чувствата, ние личиме на човек кој по цел ден оди по туѓите куќи, а са-

мо навечер се враќа во својата куќа за спиење. И така, својата будност ја посветуваме на смртта, а спиењето на бесмртноста. Ние доаѓаме кон себе, се враќаме во себеси само во сонот? Но и нашиот сон го сонува нашето јаве, т. е. и кога сме во својата куќа во бесвесна состојба ние ги сонуваме туѓите куќи: нашите се сетивни затоа што и нашето јаве е сетивно. И така, ние сме во туѓина, и туѓи сме и најаве и насон. Ние сме непрестајно надвор од себе. А Господ сака да нè врати во нас самите, во својот дом и во својата татковина. За нас царството Божјо е внатре во нас; надвор од нас е туѓината. Да би избегале од туѓината, и да би го нашле вистинскиот свој дом, каде што непрестајно се сретнуваме со Бога, ние мораме да навлеземе во себеси, во своето срце. Тука е Царот и тука е царството.

О Господи и Цару на ангелите и светителите, покажи ни го богатството и сјајот на Твоето царство внатре во нас за да го засакаме Твоето царство повеќе отколку што ја сакаме чувствената туѓина, царството на променливоста и минливоста. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

14 ЈАНУАРИ

Св. Сава, архиеп. српски. Син е на Стефан Немања, големиот српски жупан, роден во 1169 година. Како младич чезнеел по духовен живот поради што избегал во Света Гора. Таму се замонашил и со ретка ревност го поминал целиот подвижнички устав. Немања го следел примерот на синот, па и тој дошол во Света Гора, каде што се замонашил и умрел како монах Симеон. Сава ја издејствувал кај царот и патријархот независноста на српската црква и постанал прв архиепископ српски. Заедно со својот татко го подигнале манастирот Хилендар, а потоа и многу други манастири, цркви и училишта по српската земја. На двапати патувал на поклонение по светињите во Светата Земја. Ги мирел своите браќа, кои се карале за власт; ги мирел Србите со нивните соседи и создавајќи ја српската црква, ја создавал и српската држава и култура. Внесувал мир помеѓу сите балкански народи и работел за доброто на сите, поради што и бил почитуван и сакан од сите Балканци. На српскиот народ тој му дал христијанска душа, која не пропаднала со пропаста на српската држава. Починал во Трново за време на царот А-

сен, разболувајќи се по Божјата служба на Богојавление, на 12 јануари 1236 година. Неговото тело кралот Владислав го пренесол во Милешево, од каде што Синан паша го кренал и го запалил на Врачар во Белград, на 27 април 1595 година.

2. Преп. мч-ци синајски и раитски отци, истепани од Сарацените, едните во IV, а вторите во V век.

3. Св. Илариј, еп. Поатијски. Жесток борец против Ариевата ерес на Запад. Многу пострадал поради одбрана на православието. Напишал повеќе списи, од кои најважен му е списот за Св. Троица. Се упокоил во Господа во 362 година.

4. Св. Нина, просветителка на Грузија. Роднина на св. великомаченик Ѓорѓи и на Јувенал, патријарх ерусалимски. Откако татко ѝ и мајка ѝ, благородници кападокиски, се замонашиле, и таа била воспитувана под раководство на патријархот Јувенал. Кога слушнала за грузискиот народ, девицата Нина уште од мала сакала да појде во Грузија и да ги покрсти Грузијците. Нејзе ѝ се јавила Пресвета Богородица и ѝ ветила дека ќе ја одведе во таа земја. Кога Господ ѝ го отворил патот, младата Нина навистина отишла во Грузија, каде што за кусо време стекнала голема љубов од народот. Успеала да го покрсти грузискиот цар Миријан, неговата сопруга Нана и нивниот син Бекар, кои, потоа, со ревност ја помагале мисионерската работа на Нина. Нина успеала за време на својот живот да ја помине цела Грузија и главно да го преведе целиот народ во Христовата вера, и тоа токму во времето на страшните гонења на христијаните од страна на царот Диоклецијан. Се одморила од својот голем труд и се упокоила во Господа во 335 година. Гробот ѝ се наоѓа во самтавриското храм. Правела многу чуда: и во животот и по смртта.

РАСУДУВАЊЕ

Ако понекогаш догмите на верата ти се причинат како тврда храна, тогаш потруди се да ги исполниш најнапред догмите на христијанскиот морал, па ќе ти се отвори разбирањето за догмите на верата. Радозналото испитување на возвишените работи е труд околу поправката на својот живот, не донесува никаква полза. Некогаш египетските монаси расудувале околу Мелхиседек, па не можеле да дојдат до никаква јаснотија за таинствената личност на овој древен

цар. Го повикале и првосвештеникот Авва Коприј на својот собор и го запрашале за Мелхиседек. Кога го слушнал тоа, Коприј трипати се удрил по устата и рекол: „Тешко на тебе, Коприј! Го напушти она што Бог ти наредил да го правиш, а го испитуваш тоа што Бог од тебе не го бара“. Кога го слушнале тоа, монасите се засрамиле и се разотишле. Златоуст пишува: „И ако првите догми ги чуваме, а за однесувањето не се грижиме, нема да имаме никаква полза; исто така, ако се грижиме за однесувањето, а вистинските догми ги запоставуваме, нема да добиеме ништо корисно за нашето спасение. Ако сакаме да се избавиме од гревот и да добиеме царство, треба да сме украсени од двете страни: и со вистината на догмите и со чесноста на животот“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за милосрдието на Господа Исуса, и тоа:

1. кон грешниците и болните;
2. кон народот кој бил збунет како стадо без пастир;
3. кон човечкиот род воопшто поради кој бил распнат.

БЕСЕДА
за визијата на невидливиот свет

Имајќи го предвид не видливото, туку невидливото... (II Кор. 4:18).

Ние го гледаме овој материјален и минлив свет, но гледаме и на оној, духовниот и бесмртниот свет.

Ние го гледаме земното веселие, честопати прекинувано со плач и воздишки, и на крајот секогаш завршено со смрт, но ние гледаме и на духовната радост меѓу ангелите и Божјите светители на небесата, на непрестајна и вечна радост.

Ние ги гледаме маките и неуспесите на праведниците во овој живот, но ние ја гледаме и нивната слава и торжеството на оној свет.

Ние гледаме многу успеси, слава и чест на неправедните во овој живот, но ние ја гледаме и нивната загуба, осуда и неискажана мака во вечноста.

Ние ја гледаме Божјата Црква честопати понижувана и гонета на овој свет, но ние ја гледаме и нејзината крајна победа над сите противници и непријатели, видливи и невидливи.

Ние ги гледаме, браќа, насилниците и отимачите честопати како властодржци и богаташи на овој свет, а светителите како ништожни, потиштени и заборавени, но ние гледаме едно друго царство во кое светителите ќе царуваат без ниеден насилник.

О Господи, многутрпелив и многумилостив, отвори ни го духовниот вид да можеме да го видиме она што нè чека по овој краткотраен живот и да се потрудиме да го исполниме Твојот закон. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

15 ЈАНУАРИ

1. Преп. Павле Тивејски. Роден е од богати родители во Долна Тива (Теба) Египетска за време на царот Декиј. Целиот родителски имот го наследил Павле со една своја сестра. Но неговиот зет, кој бил идолопоклоник, посакал и делот од имотот на Павле да го заграби, па му се заканил на Павлета дека ќе го издаде на судот како христијанин, ако не му го отстапи својот имот. Едно поради таа беда, а второ поради јуначките примери на самопожртвуваност на христијанските маченици, кои Павле со своите очи ги видел, го побудиле, та тој ѝ го дал и својот имот на својата сестра и без ништо се оддалечил во пустината каде што се подвизувал до својата смрт. До каква духовна височина достигнал овој чуден монах сведочи, никој помалку, туку св. Антониј Велики, кој еднаш го посетил Павлета и го видел како ѕверовите и птиците небесни му служат. Враќајќи се од таа посета Антониј, им рекол на своите монаси: „Тешко мене, деца мои, на грешниот и лажниот монах што сум само монах по име. Го видов Илија, го видов Јована во пустината и навистина го видов Павлета – во Рајот!“ Св. Павле живеел 113 години и мирно се упокоил во Господа во 342 година.

2. Преп. Јован Кушчник (Колибар). Роден е во Цариград за време на царот Лав I, од богати и познати родители. Бил единец на своите родители. Повлечен со склоност кон духовен живот, младиот Јован одбегнал тајно со еден монах во некој манастир во Мала Азија. Во тој манастир престојувал 6 години во преголемо воздржување, молитва и послушност кон игуменот. Тогаш го нападнал ѓаволот со искушение, така што требало да го остави манастирот и да се врати кај своите родители да живее кај нив како благородник. Тој навистина се вратил во домот на своите родители, облечен како просјак, ги видел своите родители, но не сакал да им се јави како нивни син, туку како просјак се населил во нивниот двор, живеејќи само од трошките што слугите му ги фрлале и поднесувајќи многу понижувања од секого. Цели три години тој така проживеал, молејќи Му се на Бога за спасение на душите на неговиот татко и на мајка му. Кога се разболел и го почувствувал приближувањето на смртта, тој им се јавил на своите родители, кои го познале по едно скапоцено евангелие што тие во детството му го подариле и кое тој го чувал кај себе како целокупен свој имот. И така, овој младич, иако многу богат, ја спасил својата душа, ги спасил душите на своите родители и го победил ѓаволот. Се упокоил во Господа околу 450 година.

3. Преп. Гаврил Лесновски. Словен и другар на св. Прохор Пчински и Јован Рилски. Се подвизувал во X век кај Кратово на гората лесновска, каде соѕидал храм на св. Архангел Михаил. Бил чудотворец и за животот и по смртта. Сегашниот велелепен храм на тоа место го подигнал Душановиот војвода Јован Оливер. Св. Гаврил се упокоил во Господа кон крајот на X век.

4. Св. мч. Пансофиј. Син е на александрискиот проконзул Нил. Ја напуштил почеста и светското богатство и се замонашил многму млад. Цели 27 години се подвизувал и го воздигнувал својот дух кон вишиот свет. Во времето на Декиј бил донесен пред суд, каде што бил камшикуван поради името Христово додека во големи маки не му го предал својот дух на Бога.

РАСУДУВАЊЕ

Никогаш не помислувај дека Бог не те слуша кога Му се молиш. Он ги слуша нашите мисли како што ние ги

слушаме зборовите еден на друг. А ако не ти ја исполнува веднаш молитвата, тоа е затоа што, или Му се молиш недостојно, или бараш нешто што е за тебе погубно или, пак, затоа што Он според мудроста и својот домострој го одлага исполнувањето на твојата молба до погоден момент. Отец Јован Кронштадски пишува: „Како што ние преку телеграфот брзо општиме со луѓето кои се оддалечени од нас, така преку живата вера, како преку телеграф, брзо општиме со Бога, со ангелите и со светителите. Испрати ја по телеграфот на верата својата молба кон Бога или кон светителите и веднаш ќе добиеш одговор“. И пак, на друго место, пишува: „Бог и создадените духови и души на покојните и на живите луѓе – тоа се мислени битија, а мислата е брза и некако секадеприсутна. Помисли од сето срце на нив и тие ќе ти бидат присутни, и тоа Бог секогаш неопходно, а останатите според дарот и власта Божја“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чистотата на Господа Исуса, и тоа:

1. за чистотата на Неговот ум;
2. за чистотата на Неговото срце;
3. за чистотата на Неговата волја;
4. за чистотата на Неговиот јазик;
5. за чистотата на Неговиот поглед и на сите Негови чувства.

БЕСЕДА
за победоносната вера

Ова е победата што го победи светот – верата наша (I ов. 5:4).

Христос Господ го победи светот; тоа е, браќа, и наша победа. Апостолите го победија светот, и тоа е наша победа. Светителите, девствениците и маченициите го победија светот, и тоа е наша победа. Ништо посилно на светот, браќа, нема од христијанската вера. Мечовите што ја сечеле оваа вера отапеле и се скршиле, а верата останала; царевите кои се бореле против оваа вера се угушиле под анатемата на злосторот; царствата што војувале против оваа вера се рас-

паднале; градовите што ја отфрлале оваа вера наведнати лежат во својата расипаност; еретиците кои ја расипувале оваа вера, пропаднати со душите и телата и под анатема, заминале од овој свет, а оваа вера останала.

Кога светот ќе нѐ нападне, браќа, со своите лаги: лажна надворешна убавина, лажно богатство, лажна сладост, лажна минлива слава, со што ќе се спротивставиме и со што ќе победиме, ако не со оваа вера? Навистина со ништо, освен со оваа непобедлива вера, што не знае за нешто подобро од сите блага на овој свет.

Кога сите лаги од овој свет ќе си го покажат лицето; кога убавината ќе се претвори во грозотија, здравјето во болест, богатството во беда, славата во бесчестие, власта во понижување и целиот расцутен телесен живот во гадотија и смрдеа – со што ќе ги премостиме овие јадови, гнилеж, оваа гадотија и смрдеа и ќе се сочуваме од очајание, ако не со оваа вера? Навистина, со ништо, освен со оваа непобедлива вера што нѐ учи на трајните и́ непроменливи вредности во царството Христово.

Кога смртта ќе ја покаже својата разорна сила над нашите соседи, над роднините и пријателите наши, над нашето цвеќе, нашите посеви, над делата на нашите раце, и кога ќе ги сврти своите неодоливи заби и кон нас – со што ќе го победиме стравот од смртта, ако не со оваа вера? Навистина, со ништо друго освен со оваа непобедлива вера што знае за воскресението и за животот без смрт.

О Господи Исусе, победнику на светот, помогни ни и на нас да го победиме светот со верата во Тебе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

16 ЈАНУАРИ

1. Св. апостол Петар. Се споменува во овој ден поради оковите во кои бил окован од безакониот Ирод и што при појавувањето на ангелот во затворот се искинале (Д. а. 12:7). Тие окови ги чувале христијаните, како поради споменот на големиот апостол, така и поради нивната целителна моќ, бидејќи многумина болни се излекувале со допирот до нив (како и од убрусот на апостол Павле, (Д. а. 19:12). Ерусалимскиот патријарх Јувеналиј ѝ ги подарил овие окови на царицата Евдокија, прогонетата жена на ца-

рот Теодосиј Помладиот, а таа ги преполовила, едната половина ја испратила на црквата на светите апостоли во Цариград, а втората на својата ќерка царицата Евдоксија, жената на Валентијан, во Рим. Оваа Евдоксија му изградила црква на св. Петар и ги положила оковите во неа заедно со оние со кои бил окован Петар пред својата смрт од царот Нерон.

2. Св. мч. Певсип, Елевсип, Малевсип и баба им Леонила. Овие маченици пострадале за Христа во времето на царот Марко Аврелиј (161–180) во Франција. Тројцата биле браќа, тројца близнаци. Најнапред само Леонила била христијанка, додека нејзините внуци биле незнабожци. По долгите совети од страна на благочестивата Леонила и месниот свештеник, овие тројца браќа се крстиле. Откако се крстиле, почнале со сиот свој младешки жар да ја ревнуваат својата вера и во таа ревност ги разурнале сите идоли во околината. Биле тужени и изведени пред суд, каде што го признале своето дело и јавно ја исповедале својата вера во Христа. Судијата ги фрлил в затвор, ја повикал нивната баба Леонила да појде во затворот и да ги посоветува внуците да се одречат од Христа и да им се поклонат на идолите. Леонила, молчејќи, отишла во затворот, но наместо да ги советува внуците да се одречат од вистинската вера, таа почнала да ги охрабрува да не се поколебаат и да истраат до крајот во сите маки и да умрат за Христа. Кога судијата повторно ги испрашал и кога ја видел нивната уште посилна непоколебливост во верата, ги осудил на смрт. Сите тројца ги обесиле на едно дрво да висат како „жици на гусла“, потоа биле камшикувани и најпосле со оган биле горени. Некоја жена, Јовила, воодушевена од храброста на овие маченици, повикала: „И ја сум христијанка!“ Веднаш ја фатиле и заедно со Леонила со меч ги исекле.

3. Преп. мч. Дамаскин Габровски. Се подвизувал во Хилендар, каде што постанал и игумен. Кога од некои Турци го побарал манастирскиот долг, тие наговориле една жена муслиманка, таа влегла во куќата каде што живеел Дамаскин. Тогаш Турците дошле и ја нашле таа жена, па го одвлекле Дамаскина пред судијата. На Дамаскин му било предложено: или да биде обесен или да се потурчи, на што тој смело одговорил: „Би била лудост кога јас за привремениот живот ќе купам вечна погибел“. Бил обесен во 1771 година, во Свиштов. Така Дамаскин го жртвувал своето тело за да ја спаси својата душа. Неговите убијци брзо ги снашла Божја

казна. Тие влегле во чунот да го преминат Дунав, но од ненадејна бура се превртиле и се издавиле.

4. Преп. Ромил. Роден е во Видин. Бил ученик на св. Григориј Синаит. Се подвизувал во неколку манастири. Во Раваница (во Србија) заедно со него бил и Константин Цамблак. Овде св. Ромил се упокоил во Господа, околу 1375 година.

РАСУДУВАЊЕ

Ништо толку не ја крши човечката горделивост како навиката на послушност кон постарите. Во стара Спарта послушноста се сметала за голема добродетел. Се раскажува како еден спартански војник во борба со кренат меч го стасал непријателот и кога замавнал да го убие, трубата засвирела за престанок на борбата и тој го спуштил својот меч во ножницата. Кога некој, којшто го видел, го запрашал зошто не го убил непријателот, тој одговорил: „Подобро е да го послушаш војводата отколку да го убиеш непријателот". Христијанската послушност се разликува од оваа спартанска послушност по тоа што таа е доброволна и што има за цел спасение на душата, т.е. не е поради зачувување на земното царство, туку за спечалување на небесното царство. Св. Јован Колов го започнал својот подвиг кај некој тивејски старец. Старецот, за да го научи ученикот на послушност, посадил суво дрво во земјата и му наредил на ученикот секој ден да го полева. Три години Јован го полевал неплодното суво дрво додека тоа, најпосле, не зазеленило и не дало плод. Тоа е плод на беспоштедна послушност. Распнатиот Господ бил послушен дури до смртта (Фил. 2:8).

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за мирот на Господа Исуса, и тоа:

1. за мирот што Он го носел во Својата душа – единствен совршен Мироносец;
2. за мирот што Он го создавал помеѓу луѓето – единствен совршен Миротворец,
3. за мирот што Он им го дал на Своите ученици – единствен совршен Миродавец.

БЕСЕДА
за тоа како сите сме слободни само како Христови робови

Оти повиканиот во Господа роб, станува Господов слободен; исто така и повиканиот слободен, станува роб Христов (II Кор. 7:22).

Големата новост што христијанството секојдневно му ја јавува на светот е: дека ништо не се цени со полна цена според надворешниот изглед, туку спред суштината; дека работите не се ценат според бојата и формата, туку според значењето; дека човекот не се цени според положбата и имотот, туку според срцето во кое се соединува чувството, умот и волјата.

Според големата христијанска новост, не е роб оној кој е надворешно заробен, ниту е слободен оној што има надворешна, телесна слобода. Според световното разбирање, роб е оној којшто помалку ужива во светот, а слободен е оној кој повеќе ужива во светот. Според христијанското разбирање, роб е оној што помалку ужива од живиот и слаткиот Христос, а слободен е оној којшто повеќе ужива од живиот и слаткиот Христос. И уште, според световното разбирање, роб е оној кој помалку ја исполнува својата, а што повеќе туѓата волја, а слободен е оној којшто повеќе ја исполнува својата волја, а помалку туѓата волја. Според христијанското разбирање, пак, роб е оној кој повеќе ја исполнува својата, а помалку Божјата волја, а слободен е оној кој повеќе ја исполнува волјата Божја, а помалку својата волја. Да се робува на Господа е единствена и на човекот достојна слобода, а да се робува на светот и на себе, на гревот и порокот, тоа е единствено смртоносно робување. За царевите на престолот – човек би си помислил: има ли послободни луѓе на земјата? Па сепак, многу од царевите биле најниски и најнедостојни робови на Земјата. Окованите христијани во затвор – човекот би помислил: има ли победни робови на земјата? Па сепак, христијанските маченици во затворите се чувствувале како слободни луѓе и исполнети со духовна радост, пееле псалми и воздигнувале благодарствени молитви кон Бога. Слободата, соединета со тага и жалост, не е слобода,

туку ропство. Само слободата соединета со Христа е со неискажана радост. А трајната радост е знак на вистинската слобода.

О Господи Исусе, единствен Благ Господару, Ти Кој ни даваш слобода, врзувајќи нè што поцврсто за Себе, направи нè најпрво Твои робови за да престанеме да сме робови на лутите и немилостиви господари. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

17 ЈАНУАРИ

1. Преп. Антониј Велики. Египјанец, роден е околу 250 година во некое село Кома, во близина на Хераклеја. По смртта на своите благородни и богати родители, тој го поделил наследениот имот со својата малолетна сестра, ја згрижил кај некои свои роднини, својот дел од имотот го раздал на сиромасите, и во својата 20. година се посветил на подвижнички живот, кон којшто тежнеел уште од детството. Прво се подвизувал во близината на своето село, но, да би го избегнал обеспокојувањето од луѓето, се оддалечил во пустината, на бреговите на Црвеното Море, каде што како затвореник поминал 20 години, не дружејќи се со никого освен со Бога, преку непрестајна молитва, размислување и сосредоточување, поднесувајќи ги трпеливо неподносливите ѓаволски искушенија. Неговата слава се пронесла низ целиот свет и околу него се собрале многу ученици, кои тој ги поучувал со личен пример и со зборови за патот на спасението. Во својот 85–годишен подвижнички живот само двапати отишол во Александрија, и тоа првиот пат барајќи маченштво во време на гонењето на црквата, а вториот пат на покана на св. Атанасиј за да одговара на клеветите од ариевците кои го оптужиле дека е поддржувател на Ариевата ерес. Починал во 105. година од својот живот, оставајќи зад себе цела војска ученици и поддржуватели. Иако Антониј не бил писмен, бил советник и наставник на најучените луѓе од тоа време, како што бил св. Атанасиј Велики. Кога некои грчки филозофи го искушувале со литературна мудрост, Антониј ги засрамил со прашањето: „Што е постаро: разумот или книгата и што (од тие двете) е причина за другото?“ Посрамените филозофи се разотишле, бидејќи виделе дека имаат само литературно помнење без разум, а Антониј го и-

ма разумот. Еве човек кој достигнал совршенство, какво што воопшто човекот може да достигне на земјата. Еве воспитувач на воспитувачите и учителите, кој полни 85 години се поправал себеси, та само така можел да поправи и многу други. Исполнет со многу години и со големи дела, Антониј се упокоил во Господа во 335 година.

2. Св. цар Теодосиј Велики. Овој славен и во верата ревносен цар владеел од 379 до 395 година. Константин Велики го забранил гонењето на христијаните, а Теодосиј Велики отишол еден чекор понапред: во својата земја ги забранил идолските жртвопринесувања. Многу помагал христијанската вера да се утврди и да се рашири по светот.

3. Св. мч. Ѓорѓи Нов, Јанински. Албанец, роден во селото Чуркла во Албанија од многу сиромашни родители, земјоделци. Бил присилуван од Турците да се потурчи, но тој останал непоколеблив во христијанската вера поради што бил обесен во Јанина на 17 јануари 1838 година. Бил и е голем чудотворец и исцелител до денешни дни.

РАСУДУВАЊЕ

Св. Антониј поучува: „Засакај го смирението, тоа ќе ги покрие твоите гревови. Сите гревови Му се непријатни на Бога, но најнепријатен од сите Му е гордоста на срцето... Не сметај се себе си за учен и мудар затоа што ќе пропадне твојот труд и твојот брод ќе доплови празен до брегот... Ако имаш голема власт, не заканувај се никому со смрт: знај дека, според природата, и ти си подложен на смртта, и дека секоја душа како последна облека го симнува од себе своето тело“. Во Византија постоел чуден и поучен обичај при крунисувањето на царевите во „Св. Софија“. Имено, кога патријархот ќе ја ставел круната на главата од царот, истовремено во рацете му предавал една свилена торба полна со земја од гроб за да се потсетуваат и царевите на смртта, да избегнуваат секаква гордост и да бидат смирени.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за прогонувањето на Господа Исуса поради правда, и тоа:

1. за Неговото прогонување како дете од страна на Ирода;

2. како човек и Месија од страна на еврејските книжници и старешини;

3. како Бог, од многу наши современи книжевници и старешини и еврејски и христијански.

БЕСЕДА
за двете различни мудрости

Зашто мудроста од овој свет е безумство пред Бога (I Кор. 3:19).

И ова е една голема новина што христијанството му ја јавува на светот. Едно е мудрост според Бога и од Бога, а друго е мудрост според светот и од светот. Мудроста според Бога е од Светиот Дух; со таква мудрост биле исполнети апостолите кога на нив слегол Светиот Дух. Мудроста според светот е од сетиво и од материја, и таа претставува вистинско безумство пред Бога, ако не е посолена и вдахната од Светиот Божји Дух.

Целата мудрост за светот што се раководи само со телесните сетила, без обѕир на Светиот Дух, безумство е пред Бога и Божјите ангели, бидејќи таквата мудрост не го гледа ниту духот ниту смислата на овој свет, туку го знае овој свет како пепел однадвор и како пепел однатре, како пепел што ветрот на случајноста го натрупува и раструпува час вака, час онака.

Целата мудрост за човекот, што се раководи само со сетилата и телесните домислувања и чезнеења, е безумство пред Бога, пред ангелите и пред светителите Божји, бидејќи таа не го познава човекот како човек, т.е. како духовно битие, сродно на Бога, туку го познава само како тело однадвор и како тело однатре, како тело според изгледот и како тело според суштината. Исто како мајмунот што ја објаснува железничката локомотива, па ќе рече: тоа е железо однадвор и железо однатре, железо што грее и железо што се движи, железо што дава правец и железо што застанува!

Кој може, браќа, да се исполни со мудрост Божја, освен оној кој најнапред ќе се испразни од безумството на светот? А со Божја помош тоа секој од нас го може. На нашето сакање и труд неизоставно доаѓа Божјата помош во пресрет зашто Бог е благост, мудрост и светост.

Господи, Благ, Мудар и Свет, исполни нè нас со Твојата животворна мудрост. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

18 ЈАНУАРИ

1. Св. Атанасиј Велики архиеп. Александриски. Роден е во Александрија во 296 година и уште од детството бил наклонет кон духовниот позив. Бил ѓакон кај архиепископот Александар и го придружувал во Никеја на I вселенски собор. На овој собор Атанасиј се прославил со својата ученост, побожност и ревност за православието. Тој многу придонесол за сузбивање на Ариевата ерес, како и за утврдување на православието. Тој го напишал Симболот на верата, кој бил усвоен на соборот. По смртта на Александар, Атанасиј бил избран за архиепископ Александриски. Како архиепископ останал повеќе од 40 години, иако не бил цело време на архиепископскиот престол. Без малку, скоро целиот свој живот бил гонет од еретиците. Од царевите најмногу го гонеле: Констанциј, Јулијан и Валент; од епископите – Евсевиј Никомидиски со уште многу други, а од еретиците Ариј и неговите следбеници. Бил принуден да се крие од гонителите дури и во бунар, во гроб, по приватните куќи, во пустините. На двапати морал да бега во Рим. Дури пред смртта, некое време проживеал мирно како добар пастир меѓу своето добро стадо кое вистински го љубело. Малку се светители кои биле така безобѕирно клеветени, така свирепо гонети како св. Атанасиј. Но неговата голема душа поднесла трпеливо сè поради љубовта Христова и најпосле излегла победоносно над сета таа страшна и долготрајна борба. За совет, утеха и морална поддршка честопати одел кај св. Антониј, кого што го почитувал како свој духовен отец. Тој е човекот кој ја формулирал најголемата вистина, па морал и многу да страда за таа вистина, додека Господ не го упокоил во Своето царство како свој верен раб во 373 година.

2. Св. Максим архиеп. Влахозапланински. Син е на српскиот деспот Стеван слепиот и деспотицата Ангелина. Бил замонашен во манастирот Манасија. Притеснет од Турците, пребегнал во Романија, каде што бил посветен на упразнетиот престол на архиепископот Влахозапланински. Ги измирил раскараните војводи Радул и Богдан и ја спречил војната помеѓу нив. Во постари години се вратил во Крушедол, каде што подигнал манастир и по долго подвизување таму се упокоил на 18 јануари 1546 година. Неговите негнилежни и чудотворни мошти и сега лежат во тој манастир.

РАСУДУВАЊЕ

На прашањето, зошто Бог Син се јавил на светот во човечко тело, а не во облик на некоја друга твар, умниот светител Атанасиј вака одговара: „Ако прашуваат зошто Он не се јавил во вид на некоја подобра твар, на пример, како Сонце, или Месечина, или ѕвезди, или оган, или ветер, туку токму како човек, нека знаат дека Господ не дошол да се покаже Себеси, туку да ги излекува и да ги научи страдалниците. Бидејќи само да се јави и да ги зачуди гледачите, би значело да се дојде на покажување. На исцелителот и на учителот му било потребно не само да дојде, туку и да им послужи корисно на неволните и да се јави така што тоа (јавување) би било подносливо за неволните... Ниедна твар не била во заблуда во поглед на Бога, освен човекот: ниту Сонцето, ниту Месечината, ниту небото, ниту ѕвездите, ниту водата, ниту етерот не го изневериле својот чин, туку, напротив, знаејќи Го својот Создател и царот – Словото тие сите постојат како што се создадени, само луѓето се оддалечиле од доброто и вистината ја замениле со измама, во честа што Му припаѓа на Бога, како и знаењето за Него ги пренесле на ѓаволите и на луѓето изделкани од камен... Значи, што има неверојатно во тоа што Словото (Синот Божји) се јавил како човек да го спаси човештвото?“ Навистина и ние ги прашуваме неверниците од нашите дни: во каков вид вие би сакале Бог да се јави, ако не како човек?

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса под клевета и срам поради нашето спасение, и тоа:

1. под клевета и срам од книжниците и старешините јудејски;

2. под клевета и срам од многу денешни книжници и старешини;

3. под клевета и срам од секој од нас, кои во Негово име се крстиме, а Неговиот закон не го исполнивме.

БЕСЕДА
за опасноста

Нека ви биде крсйой сйегнай и свейилайа – зайалени (Лк. 12:35).

Тоа е заповед на Оној Кој ги знае слабостите на нашето битие и Кој ни пожелува добро повеќе отколку таткото и мајката. Тоа е заповед на нашиот човекољубив Господ. Кога е човекот распашан, зар не се опушта целото тело надолу? Кога ќе се препаше и кога ќе се стегне, зар не се исправа целото тело како свеќа? Како што е свеќата исправена, така нашата душа треба да стои исправено пред Бога. Како ќе стои душата исправена пред Бога, ако неиздржливото тело ѝ натежне со земните страсти и желби? Погледни, помеѓу бедрата е гнездото на главните телесни страсти. Да се запрегнат бедрата, значи да се стегнеме со воздржаност и да не се предаваме на волјата на страстите. Но да се запрегнат телесните бедра не е цел, туку средство со кое се служиме полесно да го запрегнеме својот ум и своето срце и својата волја. Телесната воздржаност е прво училиште на нашиот христијански карактер; по неа доаѓа вишата школа во која се учиме на воздржаност на умот, срцето и волјата. Ако го запрегнеме нашиот ум, тогаш во него нема да има место за греовни мисли. Ако го запрегнеме срцето наше, тогаш во него нема да има место за гревовни желби. Ако ја запрегнеме нашата волја, тогаш во неа не ќе има место за злобните ѓаволски и ѕверски пожелби.

По тесен пат, браќа, се влегува во царството Божјо. Во тешкотиите на умот, срцето и волјата единствено можат

да пламнат свеќите на сите добродетели, чиј што пламен со воздигнува кон Бога. Под запалени свеќи треба да се разберат христијанските добродетели.

О Господи, чист и безгрешен, огниште на сите добродетели, помогни ни да се запрегнеме со воздржаност и по тесниот пат да одиме кон Тебе со запалени свеќи што Си ги донесол во светот. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

19 ЈАНУАРИ

1. **Преп. Макариј Велики**. Од Египет. Тој е еден од помладите современици на св. Антониј Велики. Татко му бил свештеник. Од послушност кон родителите, тој се оженил, но наскоро му умрела жената и тој се оддалечил во пустината, каде што поминал цели 60 години во труд и борба, внатрешна и надворешна, за царството небесно. Кога го прашувале зошто е толку сув и кога јаде и кога не јаде, тој одговорил: „Од стравот Божји". Толку успеал да го исчисти својот ум од лоши мисли и своето срце од лоши желби, што Бог обилно го надарил со дар на чудотворство, така што и мртви од гробови воскреснувал. Неговото смирение ги зачудувало и луѓето и демоните. Еднаш демонот му рекол: „Има само едно во што јас не можам да те надвладеам; тоа не е постот, бидејќи јас никогаш ништо не јадам; тоа не е бдението, бидејќи јас никогаш и не спијам". „Туку што е тоа" – прашал Макариј. „Твоето смирение" – одговорил демонот. На својот ученик Пафнутиј честопати Макариј му говорел: „Не осудувај никого и ќе бидеш спасен". Живеел 97 години. Девет дена пред неговата смрт, од оној свет му се јавиле св. Антониј и св. Пахомиј и му соопштиле дека по девет дена ќе умре и така и се случило. Уште пред самата смрт, му се јавил херувим кој во визија му го открил блажениот небесен свет, го пофалил неговиот труд и неговите добродетели и му рекол дека е испратен да му ја земе душата за во царството небесно. Се упокоил во 390 година.

2. Преп. Макариј Александриски. Роден е во Александрија. Прво бил продавач на овошје. Се крстил дури на 40 години и штом се крстил веднаш заминал на подвиг. Прво бил ученик на св. Антониј заедно со Макариј Велики, а потоа игумен на манастирот викан „Келија", помеѓу Нитрија и Скит. Нешто помлад од оној Макариј, тој подоцна

умрел. Живеел повеќе од 100 години. Бил мачен со ѓаволски искушенија, а најмногу со славољубието, па затоа тој себеси се смирувал со голем труд и постојана молитва, воздигнувајќи го својот ум непрестајно кон Бога. Еднаш некој брат го видел како го полни кошот со песок, па го носи на ридот и го растура. Зачуден, братот го прашал: „Што работиш?“ Макариј му одговорил: „Го измачувам оној што ме измачува мене“ (т.е. ѓаволот). Се упокоил во 393 година како старец на повеќе од 100 години.

3. Св. Арсениј, еп. Крфски. Тој ја дополнил и во сегашен вид ја составил светата тајна елеосвештение. Се упокоил во 959 година. Неговите мошти почиваат во соборната црква на Крф.

4. Св. Марко архиеп. Ефески. Познат е по одважното штитење на православието на Флорентинскиот собор против царот и папата. Мирно се упокоил во 1452 година. На посмртната постела го молел својот ученик Георгиј, подоцна славниот патријарх Генадиј, да се чува од замките на Запад и да го брани православието.

5. Блажен Теодор, поради Христа – безумен, Новгородски. Пред смртта, трчал по улиците и им викал на сите: „Проштавајте, патувам далеку“. Се упокоил во 1392 година.

РАСУДУВАЊЕ

Примерите за кротко поднесување на насилството, какви што наоѓаме кај светите отци, просто се за чудење. Враќајќи се еднаш од пат кон својата келија, Макариј Велики видел некој крадец каде што ги изнесува неговите работи од келијата и ги натоварува на магарето. Макариј ништо не му рекол, туку му помогнал подобро да ги натовари работите на магарето, велејќи си сам во себе: „Ништо не сме донесле на светов“ (I Тим. 6:7). Еден друг старец, кога разбојниците му земале сѐ од келијата, видел дека го оставиле заврзокот со парите што лежел некаде скриен, веднаш го зел заврзокот, повикал по разбојниците и им го предал и тоа. Трет, пак, затекнувајќи ги крадците каде што ја крадат неговата келија, им довикнал: „Брзајте, брзајте да не наидат браќата и да не ме спречат да ја исполнам Христовата заповед: *...а од оној, што зема од тебе нешто не сакај да ти врати*“ (Лк. 6:30).

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса како сол на земјата, и тоа:

1. како сол што му дава вкус на овој живот воопшто;
2. како сол што го чува од гниење човечкиот род, кој инаку би изгнил од крајот до крајот на историјата;
3. како сол на мојот сопствен живот.

БЕСЕДА
за победа на светот

Во светот ќе имате маки; само не бојте се, зашто Јас го победив светот (Јн. 16:33).

Победникот на светот, Единиот и Единствен, со овие зборови ги учи своите следбеници да не се плашат од светот.

Навистина светот изгледа многу силен, но зар Оној Кој го создал светот не е посилен од светот?

Светот е многу страшен за оној кој не знае дека Бог владее со светот и дека Он има власт да го одржува додека сака и да го врати во небитие кога Он ќе посака. Кој тоа го знае, за него светот не е страшен.

Спореден со Христа Господа, овој свет е како ткиво од самите слабости, додека во Господа Христа нема никакви слабости. Кој тоа не го знае, за него светот е страшен, а кој го знае тоа, тој нема страв од светот.

Светот е преполн со неволји, маки, гробови и мирис на гнилеж – кој може сето тоа да го поднесе? Само оној што има силно срце. А силно срце има оној на кого во срцето му престојува Христос.

Светот ни го позајмил телото, но затоа сака да ни ја земе душата. Но, како ќе нè надвладее светот, ако ние стоиме како војници на Победникот на светот?

Победникот на светот ни дава оружје за борбата, со Својот пример нè учи на борба, ни го покажува скриениот непријател, ни го покажува патот за напад и отстапување, нè придржува со Својата рака, нè закрилува со Своето крило, нè храни со Своето животворно тело и нè напојува со Својата животворна крв, и уште нè охрабрува, довикнувајќи

ни: „Не плашете се!“ Што ни може светот, браќа, кога неговиот пораз е запечатен со победата Христова!

О Господи, Победнику на светот и наш победоносен Војводо, биди секогаш близу до нас за да не се исплашиме, и упати нè и ние со срцето, умот и душата секогаш да бидеме во Твојата близина. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

20 ЈАНУАРИ

1. Преп. Ефтимиј Велики. Роден е во ерменскиот град Мелитина, во близина на реката Еуфрат, околу 377 година, од благородни и познати родители. Единец син, роден по молитвата на својата мајка Дионисија, која имала некое небесно видување за раѓањето на Ефтимиј. Уште од младоста се подвизувал, прво во околината на својот град, а потоа, откако го посетил Ерусалим, во 29. година од животот, во пустината помеѓу Ерусалим и Ерихон, наречена Фаре. Сите денови и ноќи ги поминувал со молитва, внатрешно богомислие, созерцание и телесен труд. Околу него се собрале многу ученици, од кои некои се славни светители, како: Киријак Отшелник, Сава Освештени, Теоктист и други. По Божји дар, бил голем чудотворец: изгонувал демони, лекувал тешки болести, извел вода од пустината, умножувал леб, прорекувал. Монасите ги учел на трудољубие, говорејќи им: „Ако вие без труд јадете леб, значи дека вие го јадете туѓиот труд“. Кога некои помлади браќа сакале да постат повеќе од другите, тој им забранил и им наредил да доаѓаат на заедничката трпеза за да не се погордеат од својот прекумерен пост. Уште говорел дека за монахот не е добро да преминува од место во место, велејќи: „Дрвото што често се пресадува, не донесува плод, а кој сака да прави добро може да го прави на она место каде што е“. За љубовта говорел: „Она што е солта за лебот, тоа е љубовта за останатите добродетели“. Во првата недела од чесниот пост тој се оддалечувал во пустината и таму останувал во молчание и богомислие сè до пред Воскресението. За време на неговиот живот, во близина на неговата пештера, направил голема лавра, која потоа со векови била преполна со монаси како кошница со пчели. Последната заповед му била во манастирот да се одржува гостољубието и портата на манастирот

никогаш да не биде затворена. Се упокоил во 97. година од животот. На погребот му бил и ерусалимскиот патријарх Анастасиј. Цел ден патријархот чекал додека огромната маса од народот го целивала светителот и дури вечерта успеале да го завршат опелото. Седмиот ден по смртта, Ефтимиј му се јавил на својот ученик Доментијан целиот светол и радосен. Преп. Ефтимиј навистина бил вистински син на светлината. Се упокоил во 473 година.

2. Св. мч.ци Енен, Нирен и Пен. Тројцата се сметаат за први словенски маченици кои се споменуваат во историјата. Се нарекуваат Скити и ученици на св. апостол Андреј. Пострадале за верата од своите незнабожечки соседи од десната страна на Дунав, во близина на Варна. Врзани за мраз, тие замрзнале и се упокоиле во Господа.

РАСУДУВАЊЕ

Светителите на Црквата, колку што биле милосрдни кон човечките слабости, толку биле непопустливи и непреклонливи во поглед на исповедањето на вистинските догми за верата. Така, св. Николај Мирликиски со рака го удрил Ариј на Првиот собор. Св. Антониј ја оставил својата пустина и дошол во Александрија јавно да го изобличи Ариј. Св. Ефтимиј, бидејќи бил многу притеснуван од царицата Евдокија и од лажниот патријарх Теодосиј, не можејќи повеќе да се бори со причина, го напуштил манастирот и се скрил во пустината. Неговиот пример го следеле многу други познати монаси. Во пустината останал св. Ефтимиј сè додека лажниот патријарх не бил симнат од тронот и не се утврдило православието. А кога во Ерусалим била најголемата агитација во името на царот против IV собор, кој бил во Халкидон, и кога сиот народ бил исплашен од еретиците, тогаш св. Теодосиј Велики, веќе оптоварен со староста, како бестрашен Христов војник дошол во Ерусалим, влегол во големата црква, се искачил на скалите и замавнувајќи со раката кон народот, рекол: „Ако некој не ги почитува четирите вселенски собори, како и четирите Евангелија, нека биде проколнат!“ (До тоа време биле одржани само четири вселенски собори). Сите слушатели биле изненадени и никој од еретиците не смеел ништо спротивно да каже.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господ Исус како светлина, и тоа:

1. како светлина на мојот живот; како светлина на родот човечки; како светлина на секоја твар;

2. како светлина посебна во мракот на стравот и страданијата;

3. како светлина во смртниот час и по смртта – во вечноста.

БЕСЕДА
за единствена светлина во темнината

Јас сум Светлина на светот (Јн. 8:12).

Откога постои светот и времето, никој од родените не се осудил да ги изговори овие зборови. Имало и има луѓе кои велат: „Јас носам светлина", но никогаш никој не се осмелил да каже: „Јас сум светлина!" Единствено Господ Исус можел да ги изговори овие зборови смело и уверено. Неговиот краток живот на земјата и Неговата долга историја од 2000 години, потполно ги оправдале овие зборови. Он е светлина на вистината, правдата и животот.

Он е светлина на вистината, бидејќи со Себе ја јавил вистината за вистинската природа на Бога и за вистинската природа за човекот и за односот на човекот кон човекот, и за односот на човекот кон Бога, и за односот на Бога кон човекот. Небото и земјата ќе поминат, а Неговите зборови нема да поминат, бидејќи небото и земјата постанале со Неговиот збор, а Неговиот збор е од Него и со Него засекогаш и нема да помине.

Он е светлина на правдата, бидејќи ја покажал силата на правдата и немоќта на неправдата. Тој тоа го јавил во светлината на она што го рекол, она што го направил и она што го доживеал и преживеал помеѓу неправедните. Тоа Он го јавил и преку Својата црква во текот на досегашните 20 столетија, преку безбројните светители на правдата и мачениците за правдата. Правдата е од Бога и на другата линија на историјата, таа никогаш не може да биде победена; неправдата е од немоќни битија, таа брзо ќе истрча на бедеми-

те со триумфален бајрак, но, исто така, и брзо ќе се урне во гробот.

Он е светлина на животот. Неговите зборови го осветлуваат животот; Неговите дела го осветлуваат животот; Неговата победа го осветлува животот, посебно Неговото воскресение како најсветло сонце, бела светлина го осветлува животот и ја разгонува смртта како слаба сенка.

О Господи, Исусе, светлино најсветла, Сонце на вистината, Сонце на правдата и Сонце на животот, осветли нè нас грешните и недостојните! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

21 ЈАНУАРИ

1. Преп. Максим Исповедник. Од Цариград е по раѓање и најнапред висок дворјанин во дворот на царот Ираклиј, а потоа монах и игумен на еден манастир недалеку од престолнината. Најголем бранител на православието од таканарсчената монотелитска ерес, која произлегла од Евтихиевата ерес. Имено, како што тврдел Евтихиј дека во Христа има една природа, така монотелитите тврделе дека во Христа има една волја. Максим се спротивставил на тоа тврдење и постанал противник на царот и на патријархот. Тој од тоа не се исплашил, туку издржал до крај во докажувањето дека во Господа постојат две волји, како што постојат две природи. По негово настојување со одржале: еден собор во Картагина, а друг во Рим; и двата собора го анатемисуваат учењето на монотелитите. Страдањето на Максим за православието не може да се опише: бил измачуван од кнезовите, лажен од првенците, плукан од народните маси, тепан од војниците, прогонуван, затворан, додека најпосле не бил осуден на доживотно прогонство во скитската земја, каде што три години поминал в затвор, па ја предал својата душа на Бога во 666 година.

2. Блажен Максим Грк. Роден е во Грција, од каде што бил повикан во дворецот на рускиот цар Василиј Јованович за царски библиотекар и преведувач. Многу работел, но многу и страдал за вистината. Поминал многу време во затвор, каде што го напишал познатиот канон на Светиот Дух, кој и сега се употребува во Црквата. Се упокоил во Господа во 1556 година.

3. Св. мч. Неофит. Роден е во Никеја. Уште како дете, со помош на благодатта Божја, правел големи чуда. Извадил вода од камен, ја воскреснал својата мртва мајка. Со бел гулаб бил одведен во олимписката гора каде што од една пештера истерал лав и самиот тој се населил во пештерата. Во својата 15. година бил мачен за Христа за време на царот Диоклецијан, и тоа во Никеја. Никако не сакал да се одрече од Христа. По тепањето и затворот, бил фрлен во оган, но Бог го сочувал жив. Тогаш го фрлиле пред гладен лав, но лавот се умилкувал околу Неофит. Светителот го познал лавот дека тоа е истиот во чија пештера се подвизувал, го помилувал и му наредил повторно да си се врати во пештерата. Тогаш Неофит го прободиле со копје и тој со душата се преселил во Господовите дворови.

4. Св. мч. Агнија е тринасетгодишна девојка која била фрлена во оган за верата Христова, па потоа со меч исечена. Пројавила голема чудотворна сила за време на животот и по смртта. Пострадала во времето на Диоклецијан, во 305 година.

РАСУДУВАЊЕ

Христијанската вера единствено во светот има едно определено и никогаш непроменето мерило на вредностите. Како таа ги мери и ги раслојува вредностите, јасно говори св. Јован Златоуст: „Нештата, вели тој, имаат троен род: едни се добри и не можат да бидат зло, како, на пример, целомудреноста, милостињата и на тоа слично; други се зло и никогаш не можат да бидат добро: расипаноста, нечовечноста, суровоста; третите, пак, еднаш се ова, вторпат се она, како кога, според расположението на оние кои со нив се користат“. Потоа овој божествен учител објаснува како и богатството и сиромаштијата, и слободата и ропството, власта, болеста, па дури и смртта спаѓаат во овие средни предмети, што самите по себе не се ниту добри ниту лоши, но стануваат ова или она според расположението на луѓето и според употребата што од нив ја прават луѓето. Бидејќи, ако, на пример, богатството е добро, а сиромаштијата зло, тогаш сите богати луѓе би биле добри, а сите сиромашни луѓе би биле лоши; меѓутоа, ние секојдневно се уверуваме дека како што има добри и лоши богаташи, исто така има и добри и лоши сиромаси. Истото тоа може да се примени и на здра-

вите и на болните, на слободните и заробените, ситите и гладните, на оние кои се во власта или на потчинетите. Дури и смртта не е зло, бидејќи „Мачениците со смртта постанале најсреќни од сите“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса како град на горàта, и тоа:

1. како град на горaта на вишниот Сион, т.е. над створениот свет, во царството на вечноста;
2. како град на горaта на човечката историја;
3. како град на горaта на мојот сопствен живот, т.е. на врвот на моите идеали, на зенитот на моите мисли и желби.

БЕСЕДА
за разбирање низ создавањето

Ако некој сака да ја врши волјаӣа Неѓова, ќе разбере дали е ова учење од Боѓа... (Јн. 7:17).

Малку е корисно да се докажува со човечка логика и со зборови дека науката Христова е од Бога. Најбрз и најсигурен начин да се дознае нејзината вистинитост е во исполнувањето на волјата Божја онака како што ја објавил и искажал Христос. Кој ќе ја исполнува, тој ќе ја познае.

Ако плачеш поради Бога, ќе познаеш каква утеха е Бог. Ако бидеш молисрден, ќе дознаеш колку е милосрден Бог. Ако градиш мир, ќе познаеш колку ти приличи називот син Божји. Ако им простуваш на луѓето, ќе познаеш како Бог ти простува тебе.

Никогаш никој не може да дознае дека науката Христова е од Бога, освен оној кој ја исполнува волјата Божја. Бидејќи, само исполнувањето на Божјата волја, извршувањето на Божјите заповеди, тоа е отклучување на Рајот, во којшто Бог сѐ гледа. Тоа е клуч на разбирањето на ***Свеѿоѿо ӣисмо*** и сите тајни на Откровението.

Св. Василиј пишува: „Потребна е чистота на животот, за да се распознае она што е прикриено во ***Светото писмо***".

Што уште сака Господ од нас кога нè учи дека преку исполнувањето на Неговата волја а доаѓаме до божественоста на Неговата наука? Просто, го сака тоа ние со дело да се увериме во божественоста на Неговата наука. Он не сака на лесен начин ние да се увериме, туку на потежок, не само со слушање, туку и со исполнување затоа што кој ќе се увери на полесен начин, полесно и ќе се поколеба и ќе се разувери. Затоа, браќа, да се потрудиме да ја исполнуваме волјата Божја за да Го познаеме Бога и да ги спасиме своите души.

О Господи, Семудар, помогни ни со силата на Твојот Свет Дух да ја исполнуваме Твојата света волја. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

22 ЈАНУАРИ

1. Св. ап. Тимотеј е еден од седумдесетте апостоли. Роден е во Листра Ликаонска од татко Грк и мајка Еврејка. Св. апостол Павле ги пофалува мајката и бабата поради нелицемерната вера (II Тим. 1, 4–5). Првпат Тимотеј се сретнал со големиот апостол во Листра и бил сведок кога Павле излекувал еден куц од раѓање. Подоцна Тимотеј, без малку, бил постојан сопатник на Павле, обиколувајќи ги со него Ахаја, Македонија, Италија и Шпанија. Голем ревнител на верата, одличен беседник и сладок по душа, Тимотеј многу придонесол за распространувањето и утврдувањето на христијанската вера. Павле го нарекува вистинско чедо во верата (II Тим. 1:2). По маченичката смрт на апостол Павле, Тимотеј го имал за учител св. Јован евангелистот. Но, кога царот Дометијан го прогонил Јована од Ефес на островот Патмос, Тимотеј останал во Ефес како епископ. За време на некој идолски празник, викан „Катакогиум", незнабожците, лути на христијаните, молкум и под маски го нападнале Тимотеја и го убиле (околу 93. година). Неговите чесни мошти подоцна биле пренесени во Цариград и сохранети во црквата на светите апостоли, до гробот на св. евангелист Лука и св. Андреј Првоповиканиот.

2. Преп. мч. Анастасиј. Персијанец според родот. Незнабожечкото име му бил Магундат. Кога царот Ираклиј

се борел со Персијанците, Магундат пребегнал кај христијаните, отишол во Ерусалим, каде што се крстил и добил име Анастасиј. Не му било доста што се крстил, туку и се замонашил за да се предаде целосно на службата на Господа. Покрај останатите подвизи, многу рано ги читал житијата на светите маченици. Читајќи ја навлажнувал книгата со солзи, чезнеејќи и самиот по маченииштво. Најпосле, Господ го овенчал со маченички венец. Долго лежел в затвор и бил луто мачен додека царот Хозрое не му изрекол смртна пресуда. По таа пресуда, Анастасиј бил удавен во вода. Кога го извадиле од водата, џелатот му ја отсекол главата и му ја испратил на царот. Пострадал на 22 јануари 628 година, во градот Бетсалое, во близина на Нинив.

РАСУДУВАЊЕ

Православната црква поседува неисцрпно богатство во доказите за животот по смртта. Да наведеме овде еден од безбројните примери, пример што истовремено сведочи дека човечките души живеат по телесната смрт и дека доброволната послушност води кон блажена бесмртност. Кога св. Теодосиј Велики основал манастир, во почетокот имал само седум монаси. За да ги утврди добро во сеќавањето на смртта, им наредил да ископаат еден гроб. Кога бил готов гробот, Теодосиј застанал над гробот, опкружен со седумтемина, и рекол: „Еве, деца, готов гроб! Дали помеѓу вас има некој кој е спремен за смртта за да се закопа во овој гроб?“ Еден од нив, Василиј, по име и свештеник по чин, паднал на колена и побарал благослов од Теодосија за да умре. Теодосиј наредил за Василиј да се извршуваат помени и задушни: три дни, девет дни, четириест дни, како што е обичај за покојните. Кога се извршил четирисетдневниот помен, Василиј потполно здрав, легнал и умрел. И бил сохранет во новиот гроб. Во четириесттиот ден по неговиот погреб, Василиј едно утро се појавил помеѓу браќата и пеел со нив. Најнапред го видел само Теодосиј, па се помолил на Бога да им ги отвори очите и на останатите. И сите браќа погледнале и го виделе Василиј помеѓу себе. Еден од браќата, Летиј, од радост ги раширил рацете и сакал да го прегрне Василија, но овој исчезнал. Но се слушнал неговиот глас: „Спасувајте се отци и браќа, спасувајте се“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за безгрижноста на Господа Исуса во поглед на јадењето и облеката, и тоа:

1. за Неговата безгрижност за Себе, која Он ја покажува на дело;

2. за безгрижноста за јадење и облека што Он им ја проповеда и на другите (Мт. 6:31).

БЕСЕДА
за Божјото сезнаење и промислата

А вам и влакнаша на главаша ви се изброени (Мт. 10:30).

И влакната на главата ви се изброени, браќа, а камоли деновите на животот! Но не плашете се дека ќе умрете пред одреденото време, ниту, пак, надевајте се дека како било ќе го продолжите животот макар и за еден ден без волјата на Оној кој брои и мери. Ова сознание нека ве научи на кроткост и страв Божји.

И косата ви е изброена на главата, а камоли вашите страдања на земјата! Но не плашете се дека ќе страдате повеќе од измереното. Уште помалку плашете се дека вашите страдања ќе останат заборавени и непресметани од Оној кој гледа сè. Ова сознание ќе ве научи на трпение и на доверба кон вашиот Творец и Промислител.

И косата на главата ви е изброена, а камоли вашите пријатели и непријатели на Земјата! Но не плашете се дека ќе имате ни повеќе пријатели ни повеќе непријатели, ниту, пак, да се плашите дека вашите непријатели ќе ве совладаат, но не надевајте се дека вашите пријатели ќе ве одбранат. Трудете се да Го имате Бога за пријател и од ништо да не се плашите. Гледајте, Он е единствен ваш пријател, кој ве сака непроменливо.

О Благ, Господи, Промислителу мудар, Кој на сè му го знаеш бројот, мерата и времето, оттргни од нас секаков страв, освен стравот од Тебе за да можеме преку стравот од Тебе да дојдеме до чиста и света љубов кон Тебе, Творецот и нашиот Добротвор. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

23 ЈАНУАРИ

1. Свешт. мч. Климент, еп. Анкирски. Роден е во 258 година во градот Анкир, од татко незнабожец и мајка христијанка. Неговата благочестива мајка Ефросинија му прорекла маченичка смрт и го оставила кога Климент имал само 12 години. Нејзината другарка Софија ѓо зела Климента во својата куќа како син и помогнала за неговото воспитување во христијански дух. Климент бил толку прочуен поради неговиот доборoдетелен живот, па затоа бил избран за епископ Анкирски во 20. година од својот живот. Во млади години тој стекнал старечка мудрост и со голема воздржаност го скротил и го победил своето тело. Се хранел само со леб и со зелје, не јадел ништо заклано или крвно. Во времето на Диоклецијан бил толку страшно мачен „како никој никогаш од постанокот на светот“. Цели 28 години поминал во маки и по затвори. Единаесет мачители го малтретирале и го мачеле. Кога еднаш го удирале по лицето, го плукале и му ги кршеле забите, тој му довикнал на мачителот Доментијан: „Ми правиш почест, о Доментијане, а не ме мачиш, бидејќи на мојот Господ Исус Христос му беше така биена устата и образите удирани со шлаканици, па еве и јас недостојниот со тоа се удостоив!“ Кога бил доведен пред царот Диоклецијан во Рим, царот поставил на една страна разни орудија за мачење, а на друга дарови, одликувања, облека, пари – сè што можел царот да подари, па му рекол на Климента да избира. Христовиот маченик со презир погледнал на сите царски богатства и ги избрал орудијата за мачење. И бил мачен неизмерно: парче по парче месо му било кинато од телото, така што коските белееле под месото. На крајот бил исечен од војниците во 312 година во црквата во Анкир, кога како архијереј служел Божја служба. Чудата на св. Климент се безбројни.

2. Шестиот вселенски собор бил одржан во Цариград, прво во 681 година, а потоа во 691 година. Овој собор ги осудил еретиците – монотелити, кои погрешно учеле дека Христос имал само Божја волја без човечка. Покрај тоа, на тој собор се донесени и неколку правила за редот и дисциплината на свештенството.

3. Св. Павлин Милостив. Најнапред римски сенатор, а потоа епископ во Нола. Го следел примерот на својот пријател св. Амвросиј и го примил крштението. Потоа се оддалечил во Шпанија, во Пиринејските Планини, каде што

се подвизувал. Но, како што ниеден светилник не може да се скрие, така и св. Павлин бил пронајден и избран за епископ Нолски. Бил добар и милостив пастир. Мирно се упокоил во 431 година. Неговите мошти почиваат во Рим, во црквата на св. Вартоломеј.

РАСУДУВАЊЕ

Милосрдието отсекогаш било одлика на вистинските пастири на Христовото стадо. Св. Јован Златоуст во своите славни беседи ништо толку силно не нагласувал и не фалел како милосрдието. Св. Јован Милостив, патријарх Александриски, плачел секој ден кога немал можност да пружи некому милостиња. Свети Павлин е заслужено наречен Милостив, бидејќи навистина бил милостив во полна христијанска смисла на тој збор. Еднаш, кога вандалите го плениле Нол, истовремено повеле многу луѓе во ропство, некоја вдовица, чиј единствен син го зел вандалскиот кнез Рига во ропство, дошла кај својот епископ и, плачејќи му побарала пари за да го плати откупот на својот син. Немајќи од никаде ништо, Павлин се облекол во облека на прост човек и ѝ рекол на вдовицата да го одведе него кај кнезот и да го предаде во замена за нејзиниот син. Кнезот го пуштил синот на вдовицата и го зел Павлин, па го одвел во Африка каде што Павлин му служел како бавчанџија сѐ додека по промисла Божја не бил ослободен и вратен со останатите робови назад во Нол.

СОЗЕРЦАНИЕ

Мисловно да Го гледам Господа Исуса како исцелител, и тоа:

1. како исцелител на телесните болести;
2. како исцелител на лошите духови и на обземените;
3. како исцелител на духот и на умот човечки со светлината на божествената наука;
4. како мој сопствен исцелител од сите маки и зла.

БЕСЕДА
за ангелската состојба на светителите

Но оние, шїо ќе се удосїојаї да ѓо добијаї оној свеї... и да умраї веќе не можаї, бидејќи се еднакви со анѓелиїе... (Лк. 20:35–36).

Така вели Оној Кој знае, Кој видел и Кој не може да се прелаже. Зошто повеќе да се сомневаме, браќа? Ова сведоштво е појасно од летното пладне, поцврсто е од дијамант и подрагоцено е од сите блага на овој свет, а тоа е сведоштво дека оние кои ќе се удостојат за оној свет и воскресението повеќе не можат да умрат, туку се бесмртни како Божјите ангели.

А какви се ангелите? Тоа се истите ангели кои се јавувале во времето на Аврам и им помагале на луѓето тие истите и денес се јавуваат и помагаат. Не умреле туку се живи; и не остареле, туку се млади. Тие истите го гледале Адама во Рајот и ќе го гледаат последното воскресение, судот и царството на светителите.

Слични на ангелите се праведниците. Апостолите и пророците, светителите и мачениците живеат и денес и ќе живеат вечно и повеќе не можат да умрат. Стотина и илјади години поминуваат, но тие повеќе ниту умираат ниту стареат, туку се како ангели.

Дека праведниците ќе бидат вечни во бесмртност, тоа и Господ со горните зборови го посведочил и со Своето воскресение го покажал, а преку прославените светители го докажал.

О браќа мои, да се разбудиме и да се потрудиме за да се удостоиме да го добиеме оној блажен свет!

О Господи, воскреснат и бесмртен, помогни ни да се удостоиме за Твоето бесмртно царство во кое Ти царуваш со ангелите и со Твоите светители во вечни векови. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

24 ЈАНУАРИ

1. Преп. Ксенија Римјанка. Родена е во Рим како единствена ќерка на познат сенатор. Привлечена со љубовта Христова, не сакала да стапи во брак како што сакале нејзините родители, туку, за да го избегне тоа, тајно побегнала од домот заедно со две слугинки и дошла на островот Коа, во местото Милас каде што основала манастир на девици и каде што се подвизувала до смртта. Иако била слаба жена, сепак имала машка издржливост во постот, молитвите и бдението. Честопати по цела ноќ стоела на молитва; била облечена најбедно од сите сестри, а на лебот што го јадела честопати сипувала пепел од кадилницата. Во часот на нејзината смрт (+ 450 година), се појавил чуден знак над манастирот: венец од ѕвезди со крст во средината посјаен од Сонцето. Од нејзините мошти многу болни добиле исцеление. Нејзините робинки во сè го следеле примерот на својата игуменија и кога умреле, биле сохранети, по своја желба, кај нозете на блажена Ксенија.

2. Св. мч. Вавила, свештеник во Сицилија. Пострадал за Христа со двајца свои ученици во III век.

3. Преп. Македониј, сириски пустиник. Дури во староста се хранел со печен леб, а пред тоа јадел само зрна од јачмен натопени во вода. Земниот живот го завршил во 418 година.

4. Преп. Филон, еп. Кипарски. Посветен за епископ од св. Епифаниј кога овој бил повикан во Рим со молитва да ѝ помогне на сестрата на царот Хонориј. Го протолкувал *Петтокнижието* и *Песната над песните*. Се упокоил мирно во V век.

5. Преп. Дионисиј Олимписки, чудотворец. Се подвизувал на Олимп. За монах бил потстрижен во Света Гора, каде што бил игумен на Филотеевскиот манастир. Пред крајот на животот, пак се повлекол во самотија на Олимп, каде што и се упокоил во XVI век.

РАСУДУВАЊЕ

Во наши дни честопати се слуша од родителите: „Сакаме да го осигураме животот на нашето дете!“ Затоа се трудат со преголем труд, натрупуваат богатство, честопати и неправедно го образуваат своето дете за оној позив што

донесува најмногу телесна сигурност и материјална корист. И тоа го прават таканаречени христијани. Тие тоа го прават затоа што нивниот поим за вистинскиот живот и за вистинското осигурување на животот е погрешен. А еве како вистинската христијанка го подготвува својот син за вистинскиот живот: пред смртта, блажена Ефросинија му велела на својот син Климент Анкирски: „Направи ми чест, о сине мој, и мажествено застани зад Христа и исповедај Го крепко и непоколебливо! Јас се надевам, о срце мое, дека на тебе скоро ќе расцути венецот на мачеништвото и во моја чест, и за спасение на многумина... Не плаши се ниту на закана, ниту на меч, ниту на рани, ни на оган. Ништо да не те оддвојува од Христа, но гледај кон небото и оттаму очекувај голема, вечна и богата награда од Бога. Плаши се од Божјото величие, плаши се од Неговиот суд, трепери од Неговото севидливо око, бидејќи оние кои ќе се одречат од Него ќе примат неугаслив оган и неуништив црв. Ова нека ми биде награда од тебе, сине мој сладок, за моите породилни маки и трудот околу твоето воспитување – да се наречам мајка на маченикот... Крвта што ја прими од мене, не штеди ја, туку пролеј ја, та од тоа и јас да примам почест. Подади го телото на маки, од тоа и јас да се зарадувам пред нашиот Господ како и јас да сум пострадала за Него!“

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса како учител, и тоа:

1. како учител Кој учи како човекот треба да мисли за да се спаси;
2. како учител Кој учи како човекот треба да зборува за да се спаси;
3. како учител Кој учи како човекот треба да делува за да се спаси.

БЕСЕДА
за највидовитиот Пророк

Зошто мислите лошо во срцата ваши (Мт. 9:4)?

Кога Господ посакал да ги укори фарисеите и книжниците, овие во тој час никого не убиле, ниту прелажале, ниту ограбиле. И не само тоа, туку во тој час тие никого со збор не го навределе. Зошто, тогаш, Господ ги укорил кога тие не направиле ниеден грев, ни со дело ни со збор? Затоа што помислиле зло.

И злобната помисла е грев. Тоа е голема новина што Христос ја донесол во светот. Всушност, злобната помисла е изворен грев за секој грев, бидејќи човекот пред да каже или да направи нешто грешно, тој помислува грешно. Помислата е причински грев, останатите гревови се само следствени гревови. Кој сака да ги уништи овие другите, мора да ги искорени овие првите. Кој сака да ги запре тековите на водите, мора првин да ги исуши изворите. Никој нека не се оправдува: јас не сум грешен, бидејќи никого не сум убил, ниту сум украл, ниту сум осквернил, ниту измамил. Гледај, ние сме полни со убиствени, крадачки, скверни и измамнички помисли! Ако со дело не сме направиле грев, тоа е само работа на милоста Божја и надворешните прилики. Ако Бог попуштил или, пак, приликите одговарале, ние би ги направиле сите оние гревови што сме ги помислиле. Змијата не е отровна само кога каснува, туку и кога не каса, бидејќи таа носи отров во себе.

Значи, не само што помислата е грев, туку таа е извор на гревот, почеток на гревот, семе и корен на гревот. Ете зошто Господ, Кој сè гледа и сè знае, ги укорил оние кои помислиле зло. Зошто мислите лошо во срцата ваши?

О Господи, Кој сè гледаш и сè знаеш, помогни ни да го исчистиме срцето и умот наш од лоши помисли, та така и зборовите и делата да ни бидат чисти. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

25 ЈАНУАРИ

1. Св. Григориј Богослов архиеп. Цариградски. Роден е во Назијанз од татко Елин и мајка христијанка. Пред крштавањето, учел во Атина заедно со Василиј Велики и Јулијан Отпадник. Тој честопати му прорекувал на Јулијан дека ќе биде отпадник од верата и гонител на Црквата, што и се случило. На Григориј посебно влијаела неговата мајка Нона. Кога го завршил своето образование, Григориј се крстил. Св. Василиј го ракоположил за епископ Сасимски, а царот Теодосиј Велики наскоро го повикал на упразнетиот цариградски архиепископски престол. Составил многубројни дела, од кои најпознати му се тие од богословието, поради што е и наречен Богослов. Посебно му е познато, според длабочината, неговото дело *Беседи за Светата Троица.* Уште пишувал против еретикот Македониј, кој погрешно учел за Светиот Дух (дека Духот е творение Божјо) и против Аполинариј, кој погрешно учел дека Христос нема човечка душа, туку дека божеството му е душа. Исто така, пишувал против царот Јулијан Отпадник, својот некогашен соученик. Во 381 година, кога во соборот настанала расправија околу неговиот избор за архиепископ, тој самиот се повлекол и изјавил: „Не можат да нѐ лишат од Бога оние кои нѐ лишуваат од престолот". Потоа го напуштил Цариград, отишол во Назијанз и таму поживеал во повлеченост, во молитва и пишување на корисни книги сѐ до смртта. Иако целиот живот бил со слабо здравје, сепак ја доживеал 80. година. Подоцна неговите мошти биле пренесени во Рим, а неговата глава се наоѓа во Успенскиот Собор, во Москва. Бил и останал големо и прекрасно светило на православната Црква, како по кроткост и чистота на карактерот, исто така и по ненадминливата длабочина на умот. Се упокоил во Господа во 390 година.

2. Преп. Публиј. Најнапред бил сенатор, па запознавајќи ја Христовата светлина, ги оставил почестите, го раздал имотот на сиромашните и се предал на подвижнички живот во близина на својот град Зевгмат на Еуфрат. Основал два манастира и се упокоил во Господа во 380 година.

3. Преп. Мар. Се одликувал со надворешна убавина и слаткопоен глас. Се повлекол од светот и прояивеал во една колиба 37 години во пост, молитва и очистување на срцето од помисли. Како 90–годишен старец се упокоил во Господа во 430 година.

4. Св. мч-чка Фелицита и нејзините седум синови. Како христијанка, од царот Антонин, во 164 година, заедно со нејзините седум синови, била осудена на смрт. Се молела на Бога само да не ја погубат неа пред синовите за да може да ги охрабрува при мачењето и убивањето, та да не се одречат од Христа. Така и било според Божјото устројување. Оваа ненадминатата мајка со радост ги испраќала еден по еден синовите додека не ги испратила сите седум и не ги видела погубени. Тогаш и таа со благодарност кон Бога ја примила маченичката смрт. Сите пострадале во Рим каде што им се наоѓаат и моштите.

РАСУДУВАЊЕ

Се лажат самите себеси оние кои самоуверено говорат дека добро ги познаваат луѓето и дека никој не може да ги измами. Кој може да го познае каков е духот во секој човек, освен единиот Бог, Кој ги знае тајните на срцето? Дури и големите светители се мамеле за луѓето. Така, на пример, св. Василиј долго време го сметал еден лицемерен еретик за свет човек и го бранел од многу напаѓачи, додека најпосле и самиот не се уверил за неговата лажност и се разочарал горко. Св. Григориј Богослов покрстил некој филозоф, по име Максим, и толку го засакал што го држел во својот дом на својата трпеза. А тој, Максим, бил опак и лукав како змија. По извесно време, издејствувал со сплетки и со поткупување да биде од некои цариграѓани признаен за патријарх на местото на Григориј. Кога ова искушение, по големите неприлики било отстрането, некои го укорувале Григорија како можел кај себе да го чува најголемиот непријател? „Не сме ние криви, одговорил светителот, ако не ја предвидиме злобата нечија. Единиот Бог ги знае внатрешните тајни на човекот. А нам ни е заповедано со законот, со татковска љубов да го отвораме срцето свое за секого кој ни доаѓа". Незлобниот човек не може лесно да ја познае злобата кај злобниот.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса како цар, и тоа:

1. како господар над природата што Он ја скротува и си ја става Себеси на служба;
2. како господар над демоните, болестите и над смртта;
3. како господар над бесмртното царство на ангелите и светителите.

БЕСЕДА
за тоа Кој е Христос

За кого Ме мислат луѓето
(Мк. 8: 27).

Еве, браќа, веќе се 2000 години од оној ден кога Господ Исус го поставил ова прашање на Своите ученици. Од тогаш, па до денес, ова прашање се поставува на секое човечко поколение, на секој бел ден и на секоја темна ноќ; и секое човечко поколение, и секој бел ден и секоја темна ноќ морале да дадат некој одговор на тоа прашање. Ова прашање е прашање на живот или смрт и одговорот на него е живоносен или смртоносен. Ти си Христос, Син на живиот Бог, одговорил свети апостол Петар. И тој одговор бил одобрен и пофален од Господа Исуса.

Денес луѓето се прашуваат: „Кој е Христос?" Едни зборуваат со Евреите дека Он е нарушувач на законот и самоповикан Месија. Други зборуваат со Пилата дека тие воопшто не можат да дојдат до вистината за тој човек. Трети велат со апостолите дека Он е Христос, Синот на живиот Бог, Спасител и Искупител на човечкиот род од гревот и смртта. Воскреснат и Воскреснувач, Жив и животодавец. И ние сите, крстени во името на Светата Троица, се согласуваме со апостолите и со светата апостолска Црква, која со својот соборен глас така Го исповеда Христа Господа.

О Господи, Сине Божји, единороден, помогни ни секој ден од нашиот живот со срце да Ти веруваме и да Те исповедаме со усните како наш Бог и Спасител, како Божја сила и Божја Премудрост. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

26 ЈАНУАРИ

1. Преп. Ксенофонт и Марија и нивните синови Јован и Аркадиј. Угледни и богати цариграѓани, Ксенофонт и Марија живееле богоугоден живот и целото внимание го посветиле на христијанското воспитување на своите синови. Кога синовите им пораснале, ги испратиле на учење во Вирит (Бејрут), но се случило бура да го потопи бродот. Со Божја промисла, некако Јован и Аркадиј биле спасени и од брановите биле исфрлени на брегот, но на две различни места, така што секој мислел дека другиот се удавил. Од тага еден за друг тие двајцата се замонашиле во два различни манастира. По две години, нивните нажалени родители дошле во Ерусалим на поклонение на светињите. Таму, со помош на видовитоста на еден духовник, прво се состанале браќата, а потоа и родителите со своите деца. Од благодарност кон Бога, Ксенофонт и Марија го раздале сиот свој имот на сиромасите и тие двајцата се замонашиле. Чудната историја на овие четири свети души јасно покажува како Господ на чуден начин раководи со судбината на оние кои веруваат во Него; како на нив им испраќа мака и жалост, за потоа уште повеќе зајакнати во верата да ги воведе во поголема радост. Живееле и се упокоиле во Господа во V век.

2. Преп. Симеон Ветхи. Другар и пријател на св. Паладиј. Од рана младост, па до смртта се подвизувал во една пештера. Основал два манастира и се упокоил во Господа во 390 година. Ветхи или Стар се нарекува за разлика од Симеон Столпник, кој се подвизувал нешто подоцна.

3. Св. Давид цар грузиски (1089–1130). Ја обновил и ја зајакнал Грузија како држава. Како голем ревнител за христијанската вера, соѕидал многу нови храмови во Грузија, а старите ги поправил. Се смета за преродбеник на православната вера во Грузија.

РАСУДУВАЊЕ

Најголемо богатство на една држава се светите и добри луѓе кои живеат во неа. Споредено со тоа богатство секое друго богатство е ништо. Благочестивите христијански цареви светите луѓе во својата држава ги сметале за најголем Божји благослов. Св. цар Константин Велики велел: „Му благодарам на Господа Исуса Христа затоа што во мо-

ите денови постојат три божествени светила: блажени авва Антониј, авва Елениј и авва Евхин". Пред куликовската битка, пресудна за Русија, благочестивиот кнез Димитриј Донски заедно со повереницитe и војводите отишол во Радонежската шума да го побара преподобниот Сергиј и да го замоли за негови молитви кон Бога. Иако кнезот ја подготвил војската за ослободителната војна против Татарите, некако поголема надеж полагал во молитвата на еден свет човек, отколку во многубројната војска и оружјето.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса Христа како пророк, и тоа:

1. како пророк Кој јасно им прорекол на поединци (како на Петар, Јован, Јуда и на останатите апостоли) тоа што ќе им се случи во иднина;

2. како пророк Кој јасно ја прорекол иднината на Ерусалим и на некои други градови; на еврејскиот народ и на црквата Божја;

3. како пророк Кој јасно го прорекол крајот на светот и Своето второ доаѓање.

БЕСЕДА
за недовербата на помрачените во грев

Кој е Овој што и гревови проштава (Лк. 7:49)?

Така прашувале непокаените грешници: „Кој е Овој?" Тоа е Оној Кој најмногу го чувствува бодилото на човечките гревови; на Кого паѓаат сите човечки гревови како шлаканици. Тоа е Оној Кој некогаш во Рајот го гледал безгрешниот човек; Оној Кој и го создал човекот безгрешен отсекогаш и засекогаш. Да прости може само оној кој може да се освети. Моќниот човек се осветува со освета, а немоќниот со омраза. Ако ти можеш да го вратиш нанесениот удар и да не возвратиш, тоа не значи уште дека си опростил сѐ додека не го искорнеш од срцето коренот на гневот. Велик е единиот Господ Кој може и да освети и да опрости; Велик е во правдата, бидејќи ќе се освети на непокајаниот

грешник; Велик е во милоста, бидејќи ќе му опрости на покајникот.

О кога луѓето би ја знаеле силата на опростувањето на гревовите! Гледај, кога на слепиот му се опростуваат гревовите, тој прогледува; на глувиот – тој почнува да слуша; на грбавиот – тој се исправа; на крвоточниот и тој оздравува; на безумниот – и тој се опаметува; на заробениот од ѓаволите – и тој се очистува; на мртвиот – и тој оживува!

Но колку е ужасен синџирот на гревовите! Какви тешки синџири се безбројните гревови. Тие синџири не се разврзуваат со грешни раце. А кога раката на пречистиот Господ ќе ги допре, тие сами од себе се разврзуваат и се распаѓаат. И од погледот на Чистиот тие се распаѓаат. Да, дури и од помислата на Чистиот тие се распаѓаат – тие грозни синџири на гревовите.

Кој е Овој што и гревови опростува? Тоа е, грешници, пречистиот Господ и поради чистотата, Семоќниот.

Господи пречист и семоќен, ослободи нè од оковите на гревот. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

27 ЈАНУАРИ

1. Св. Јован Златоуст – златна труба на православието. Споменот на ова светило на Црквата се празнува на 13 ноември и на 30 јануари, а на овој ден се празнува преносот на неговите чесни мошти од ерменското село Коман (каде што како прогонет умрел) во Цариград каде што порано како патријарх управувал со Црквата. Кога се навршиле 30 години од неговата смрт, патријархот Прокл одржал говор во спомен на својот духовен отец и наставник, и со тој говор толку ја разгорел љубовта на народот и царот Теодосиј Помладиот кон големиот светител што сите посакале Златоустовите мошти да се пренесат во Цариград. Се раскажува дека ковчегот со моштите никако не можеле да го поместат сè додека царот не му напишал писмо на Златоуст, молејќи го за прошка (бидејќи мајката на Теодосиј, Евдоксија, била виновна за прогонството на светителот) и повикувајќи го да дојде во Цариград, некогашната своја резиденција. Кога ова покајничко писмо било положено на ковчегот, тој станал сосема лесен. При преносот, многу болни, кои се допреле до ковчегот, оздравеле. Кога моштите пристигнале во пре-

столнината, тогаш царот повторно над моштите го молел светителот за прошка во името на својата мајка, и тоа како таа сама од себе да говори: „Додека живеев во привремен живот, штета ти направив, а сега кога ти живееш бесмртен живот, биди корисен на мојата душа. Мојата слава помина и ништо не ми помогна; помогни ми, ти, оче, во твојата слава, помогни ми пред да бидам осудена на Судот Христов!" Кога светителот бил внесен во црквата на светите апостоли и поставен на патријаршискиот престол, тогаш масата од народ ги слушнала од уста неговите зборови: „Мир на сите!" Преносот на моштите на св. Јован Златоуст е извршен во 438 година.

2. Преп. Тит Печерски. Прво бил војник, па кога во некоја борба бил ранет во главата, тој се повлекол во печерскиот манастир каде што оздравел и го примил монаштвото. Времето го поминувал во непрестајно оплакување на своите поранешни гревови. Пред смртта, преку некоја небесна појава бил известен дека сите гревови му биле опростени. Неговите мошти почиваат во Теодосиевите пештери.

РАСУДУВАЊЕ

Голема работа е постот, но уште поголема е љубовта. Ако со постот се изгонуваат демоните, се скротуваат страстите, телото се смирува, духот се средува, со љубовта Бог се вселува во човекот. Господ го назначил постот како неопходен, но љубовта ја истакнал како главна заповед. Во првата половина на XIX век во Охрид владеел Џеладин–бег, одметник од султанот и самостоен господар, а со црквата во тоа време управувал митрополит Калиник. Џеладин–бег и Калиник, иако од разни вери, биле многу добри пријатели и честопати се посетувале еден другиот. Се случило Џеладин–бег да осуди 25 христијани на бесење. На Велики Петок тие требало да бидат обесени. Митрополитот, целиот возбуден поради тој случај, отишол кај Џеладин–бег и почнал да го моли да ја ублажи казната. Додека тие разговарале, дошло време за ручек и бегот го поканил митрополитот да руча. За ручек било подготвено јагнешко месо. Митрополитот се извинил дека поради постот не може да остане на ручек и се подготвил да излезе. Бегот се натажил и му рекол на митрополитот: „Избери, или ќе јадеш со мене и ќе ги ослободиш 25–те луѓе од бесилката, или нема да јадеш и ќе ги

испратиш на бесилка“. Митрополитот се прекрстил и седнал да руча, а Целадин–бег ги ослободил осудените од смртната казна.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса како првосвештеник, и тоа:

1. Којшто Му принесува жртва на Бога цело време од Својот живот на земјата;
2. Којшто Му принесува жртва на Бога со секој Свој збор, со секое чувство, со секоја помисла, со секој труд и со секоја солза;
3. Кој за луѓето најпосле Му се принесува на Бога сецело Самиот Себеси како човек.

БЕСЕДА
за недовербата на маловерните

Кој е Овој, ша и вешровише и морешо Му се йокоруваай (Мт. 8:27)?

Така прашувале апостолите кои сè уште не Го познавале Господа Исуса, гледајќи Го како го стишува разбранетото море и ветровите. Кој е Овој, та и ветровите и морето Му се покоруваат? Тоа е Оној Кој ги создал и ветровите и морето. Какво чудо е неговите творби да го слушаат? Зар секирата не е послушно орудие во оние раце кои ја направиле. Господ сè создал со збор, па затоа и сè се покорува на Неговиот збор.

Кој е Овој, браќа? Тоа е Оној истиот Кој и пред тоа ги подигнувал ветровите и ги смирувал, и Кој го разбранувал морето и го смирувал. Тоа е Оној истиот Којшто и денес тоа го прави. Како човек, Тој застанал пред луѓето и им се заканил на разиграниот ветар и на разбеснетото море за да ја уништи заблудата кај луѓето дека ветровите и морето се движат и се смируваат или како слеп случај или со некоја злобна сила, и засекогаш да ја открие вистината дека умната и добра сила на Создателот управува и им заповеда на сите стихии според Својата промисла.

Кој е Овој? – прашувале апостолите. Тоа е безгрешниот Син Божји, о свети апостоли, чие што име вие ќе го пронесете по целиот свет и за чие што име вие ќе бидете мачени и заклани како јагниња од волци. Кои се волците? Оние кои мислат дека ветрот се раздвижува самиот од себе и морето само од себе се разбранува и стивнува, или самото од себе, или од ѓаволот. О свети апсотоли, кои прашавте и вистински одговор добивте, и вистината на целиот свет ја објавивте, молете се за нас и ние да се просветитме со таа вистина.

О Господи, сеумен и сесилен, смири ги ветровите на гревот и стивни ја бурата на нашите валкани и недостојни страсти. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

28 ЈАНУАРИ

1. Преп. Ефрем Сирин. Роден е во Сирија од бедни родители во времето на царот Константин Велики. Својата рана младост ја поминал многу бурно, но наеднаш настанал пресврт во неговата душа и тој почнал целиот да гори со љубов кон Господа Исуса. Бил ученик на св. Јаков Нисибиски (13 јануари). Од големата Божја благодат се леела мудрост од неговиот јазик како меден поток, а од очите непрестајно му течеле солзи. Трудољубив како пчела, Ефрем непрестајно или пишувал книги, или усно ги поучувал монасите во манастирот и народот во градот Едеса, или, пак, самиот се предавал на молитва и размислување. Многубројни се неговите книги, прекрасни се неговите молитви. Најпознатата му е онаа од Чесниот пост: „Господи и Владико на мојот живот“. Кога сакале со сила да го земат за епископ, тој се направил безумен и почнал да трча низ градот Едеса, влечејќи ја по себе својата облека. Кога го виделе тоа луѓето, се откажале од намерата. Бил современик и пријател на св. Василиј Велики. Св. Ефрем, главно, е апостол на покајанието. Неговите списи и денес омекнуваат многу срца закоравени од гревот и ги враќаат кон Христа. Се упокоил во длабока старост, во 378 година.

2. Преп. Исак Сирин. Роден е во Нинив и додека бил млад се подвизувал ва манастирот „Мар–Матејски“, во близина на Нинив. Кога се прочул поради светоста на животот и многуте чуда, бил избран за епископ Нинивски и бил

присилен да го прими тој чин. Но само по пет месеци, го оставил епископството и тајно се оддалечил во пустинскиот манастир „Раббан–Шабур“. Составил многу дела, од кои до нас дошле околу 100 беседи за духовниот живот и подвижништвото пишувани, главно, според сопствените доживувања. Никој не му бил рамен како психолог и раководител во духовниот живот. Дури и видни светители, како што бил св. Симеон Дивногорец, барале од него совет. Се упокоил во длабока старост, во VII век.

3. Преп. Паладиј, пустиник сириски. Голем подвижник и чудотворец. Пред неговата келија осамнал еден труп на некој богат човек, кого разбојниците го ограбиле и го убиле. Кога Паладиј го однесле на суд, тој, за да се спаси од бедата, се помолил на Бога и со молитвата го воскреснал покојниот. Се упокоил во IV век.

4. Преп. Ефрем Печерски, +1096 година. Го востановил празнувањето на преносот на моштите на св. Николај во Бари на 9 мај.

РАСУДУВАЊЕ

Отсуството на завист кај светителите е една поразувачка и чудесна појава. Не само што светителите не дозволувале зависта да им го плени нивното срце, туку и со сите сили се труделе своите другари да ги возвишат, а себеси да се понижат. Кога еднаш св. Иларион Палестински го посетил Антонија во Египет, св. Антониј извикал: „Добредојде, Деницо, ѕвездо утринска!“ На тоа св. Иларион одговорил: „Здрав да си и ти, светол столбу, што ја поддржуваш вселената!“ Кога св. Макариј го фалеле како монах, светителот одговорил: „Простете браќа, јас не сум монах, но сум видел монаси!“ Кога некои му говореле на св. Сисое дека тој го достигнал св. Антониј во совршенството, Сисое одговорил: „Кога јас би имал само една мисла на Антониј, јас би бил целиот како оган!“

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса како слуга, и тоа:

1. како Он доброволно слегол помеѓу луѓето да биде слуга на сите;

2. како Он на никого не му ја откажал добрата услуга што од Него се барала;

3. како Он невидливо и со молчење и денес, како и секогаш, му служи на целиот свет.

БЕСЕДА
за Човекот кој никој не Го знае

Кој си ти? Исус им одговори: „Почеток, како и што ви зборувам“ (Јн. 8:25).

Господ Исус е почеток на создавањето, почеток на обновувањето, почеток на спасението, почеток на воскресението и слава на бесмртните.

Каде и да се сака некое зло во светот да се искорени, Он е почеток. Без Него не се може. Каде и да се сака некое добро во светот да се награди, Он е почеток. Без Него не се може. Ако се сака да се искорени неслогата и злобата во семејството, во селото, во градот, во целиот свет, без Него не се може. Со Него мора да се започне. Ако се сака да се внесе добра волја, мир, љубов и слога во семејството, во селото, во градот, во народот, во целиот свет, без Него не се може. Он е почеток.

Зошто без Христа не може да се искорени злото, ниту доброто да се насади? Затоа што секое зло е од гревот, а гревови единствено Он може да опростува. Кога Он, и само Он, опростува грев, тогаш гревот е откорнат од коренот. А никакво добро без Него не може да се насади затоа што во Него е сета ризница на добрата, сето семе на добро. Единствено Он е сејач на доброто по нивата на светот.

Апостолот Павле, кој сето тоа го знаел подобро од нас, вели: „Сè можам преку Исуса Христа Кој ме крепи“ (Филип. 4:13), а без Исуса Христа кој може да започне да се лекува од злото, да ги лекува другите од злото и да всадува добро во себе, и да всадува добро кај другите? Никој, навистина никој.

Затоа браќа, ако сме решени да го искорениме злото во себе и кај другите, и наместо зло да всадиме добро во себе и кај другите, да започнеме од почетокот, т.е. да започнеме со победителот на злото и со сејачот на доброто – со Господа Исуса Христа.

О Господи Исусе Христе, биди ни почеток во секоја борба против злото и почеток во секое добро дело. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

29 ЈАНУАРИ

1. Свешт. мч. Игнатиј. Главното празнување на св. Игнатиј е во зима, на 20 декември. На овој ден, пак, се празнува преносот на неговите мошти од Рим, каде што маченички пострадал, во Антиохија, каде што порано бил архијереј. Кога св. Игнатиј бил повикан во Рим пред царот Трајан да одговара за својата вера, на тој долг пат го следеле неколку граѓани од Антиохија, побудени од големата љубов кон својот добар пастир. Светителот Божји, бидејќи никогаш не сакал да се одрече од Христовата вера, презирајќи ги сите ласкања и ветувања од царот Трајан, бил осуден на смрт и фрлен во големата арена пред ѕверовите. Ѕверовите го растргнале и тој ја предал својата душа на Бога. Тогаш неговите придружници ги собрале растурените коски, ги пренесле во Антиохија и чесно ги сохраниле. Но кога Персијците ја зазеле Антиохија во VI век, моштите на св. Игнатиј повторно биле вратени од Антиохија во Рим.

2. Св. мч. Роман, Јаков, Филотеј, Иперихиј, Авив, Јулијан и Паригориј. Сите овие пострадале за Господа Исуса Христа на Самосат, во времето на царот Максимијан во 297 година. Филотеј и Иперихиј биле великани, а останатите биле младенци од познат род. Ги убиле незнабожците со страшна смрт, заковувајќи клинци во главата на секој од нив. Чесно пострадале и во вечна радост се вселиле.

3. Преп. Лаврентиј Печерски. Доброволно го избрал затвореничкиот живот како поранешните затвореници Исакиј и Никита, внимателно чувајќи се од ѓаволската измама, на која овие двајцата во почетокот се предале. Со големо воздржување, молитва и богомислие го достигнал високиот степен на совршенство. Од уплашениот демон дознал дека во Печерскиот манастир од 118 монаси имало 30 на кои од Бога им е дадена власт над лошите духови. Се претставил пред Господа во 1194 година.

РАСУДУВАЊЕ

Колку повеќе еден човек напредува во духовното сознание и очистувањето на срцето, толку повеќе низината во која се наоѓа му изгледа пониска, а височината кон која се стреми – сè повисока. Кога еден духовен големец лежел на смртната постела, слушнал дека другарите го фалат поради неговите големи подвизи, тој заплакал и рекол: „Деца, јас не сум направил ни почеток на духовниот живот“. Кога св. Игнатиј Богоносец лежел окован во затворот, на Ефесјаните им напишал: „Не ви заповедам јас како нешто да значам. Макар што сум во окови за името на Исуса Христа, сепак уште не сум се усовршил во Него. Сега почнувам да станувам ученик и зборувам со вас како со колегиум на мои наставници“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса во простотијата на однесувањето, и тоа:

1. како Он просто се однесува, како со рибарите, така и со книжниците и кнезовите;
2. како Он на секој се отповикува и влегува во куќата на секого кој ќе Го покани;
3. како низ сета простотија на Неговото однесување јасно зрачи царската отменост.

БЕСЕДА
за совршенството низ извршување на волјата Божја

Мојата храна е да ја исполнувам волјата на Оној, Кој Ме пратил и да го извршам Неговото дело (Јн. 4:34).

Еве спасоносен пример што ни го дава нашиот Спасител! Он, Кој имал толкава сила и власт и мудрост, говори дека дошол во светот, не да ја изврши Својата волја, туку волјата на Својот Отец и не да го изврши Своето дело туку Неговото, а ние, макар немоќни како пајажина, непрестајно

ја истакнуваме својата волја и некое свое дело! И ако Синот е рамен на Отецот, како што вели на друго место: „Јас и Отецот, сме едно", сепак, Господ Исус вели дека дошол во светот да ја изврши волјата на Отецот и да го изврши Неговото дело. Тоа Он го вели не за да ја покаже маленкоста на Своето битие пред битието на Отецот, бидејќи едно е битието туку затоа за да ја покаже величината на Својата љубов кон Отецот и нас да нè побуди од љубов кон Бога да ја усвоиме потполно Неговата волја.

Сета наша беда во овој живот доаѓа оттаму што ние не ја спроведуваме волјата на Оној кој нас нè испратил во светот. А Неговата волја не ја спроведуваме затоа што немаме љубов кон Него. Бидејќи, ако некој некого љуби, тој му ја извршува волјата. Господ рекол: „Ако ме љубите, пазете ги моите заповеди" (Јн. 14:15). Со што Господ Исус можел да ја пројави Својата љубов кон Отецот, ако не со извршување на волјата на Отецот? И со што ние можеме да ја покажеме нашата љубов кон Господа Исуса распнатиот за нас на крстот, ако не со извршување на Неговата волја?

О браќа мои, нашата волја е лажна како сенка, да не ја следиме за да не погинеме, туку да ја следиме волјата на човекољубивиот Господ, Кој единствено знае што е најдобро за нас.

О Господи, смирен и човекољубив, научи нè да ја извршуваме Твојата волја. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

30 ЈАНУАРИ

1. Три Ерарси. Светителите: Василиј Велики, Григориј Богослов и Јован Златоуст имаат секој посебно свој ден на празнување во месец јануари и тоа: Василиј на 1 јануари, Григориј на 25 јануари и Златоуст на 27 јануари. Празникот Три Ерарси е востановен во XI век, за време на царот Алексиј Комнен. Еднаш од некаде настанала во народот расправа околу тоа кој од овие тројца е најголем? Едни го воздигнувале Василија поради неговата чистота и храброста, други го воздигнувале Григорија поради неговата недостижна длабочина и височина на умот во богословието, трети го воздигнувале Златоуст поради неговата чудна красноречивост и јаснотија во излагањето на верата. И така, едни се на-

рекле Василијани, вторите Григоријани, а третите Јованити. Но, според Божја промисла, овој спор бил решен во корист на Црквата и на уште поголема слава на тројцата светители. Епископот Евхаитски Јован (14 јуни) имал една визија во сон. Имено, прво му се јавиле секој од овие тројца светители поединечно во голема слава и неискажливо велелепие, а потоа сите тројца заедно. Тогаш му рекле: „Ние сме едно во Бога, како што гледаш, и ништо нема во нас противречно... ниту помеѓу нас има прв и втор". Уште светителите го посоветувале епископот Јован да им напише една заедничка служба и да им се одреди еден заеднички ден како празник. По повод на тоа чудно видение, спорот бил решен на тој начин што се одредило 30 јануари како заеднички празник на сите тројца Ерарси. Овој празник грчкиот народ го смета не само за црковен, туку и за свој најголем национален и училишен празник.

2. Свешт. мч. Иполит, еп. Римски. Пострадал за верата во времето на Клаудиј. Кога во Рим девицата Хрисија била немилосрдно мачена за Христа, тогаш зад неа застанал пред мачителите и св. Иполит и ги изобличил мачителите. Поради тој протест и тој бил даден на суд, суден и осуден на смрт по долготрајните измачувања. Му ги врзале рацете и нозете и го потопиле во морето. Со него и со Хрисија пострадале уште 20 маченици. Св. Иполит пострадал во 269 година.

3. Св. мч. Теофил Нов. Како војвода на царот Константин и Ирина, бил заробен од Агарјаните и 4 години бил држан в затвор. Кога ги одбил сите муслимански напади за да ја напушти христијанската вера, бил исечен со меч во 784 година и се преселил кон Господа.

4. Св. Петар цар бугарски. Син е на Симеон, голем почитувач на св. Јован Рилски. Бугарската црква ја направил независна од Цариград и го сочувал православието во Бугарија од богомилите. По една неуспешна борба со Унгарците и со Русите, умрел во 967 година, во 56. година од животот.

РАСУДУВАЊЕ

Еве пример како царевите бараат совет од светителите, како светителите ја избегнуваат суетата и богатството и како ги советуваат царевите. Православниот бугарски цар

Петар тргнал со својата придружба по планината Рила, гонет од голема желба да го види св. Јован Рилски и да се ползува со неговата поука. И ги испратил царот луѓето напред да му јават на светителот. Но светителот не се согласил да се сретне со царот. Ожалостениот цар испратил повторно луѓе со нешто храна и доволно злато со молба, светителот да му напише некаков совет. Јован ја примил храната, а златото го вратил, не сакајќи ни да го допре, а на царот му одговорил: „Ако сакаш небесно царство, биди милостив како Отецот небесен. Не надевај се на неправда и не биди користољубив; биди кроток, тивок и за секого достапен. Не примај пофалби од своите великодостојници. Твојот порфир нека свети со добродетели. Сеќавањето на смртта да не ја напушта твојата душа. Смирувај се пред стопите на мајката Црква; приклонувај ја главата пред нејзините првопрестолници, та Царот на царевите, гледајќи ја твојата сесрдност, да те обдари со благо какво што никогаш во срцето на човекот не дошло". Кога го добил тоа писмо, царот го целувал и потоа честопати го препрочитувал.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса како пријател на децата, и тоа:

1. како пријател на небесните ангели, кои се невини како деца, послушни се и бестрасни;
2. како пријател на малите деца на земјата, кои просто и лесно веруваат во Бога;
3. како пријател на светителите, кои со труд и благодат се очистени од гревот и постанале невини како децата.

БЕСЕДА

за тоа како луѓето мораат да бидат како децата за да бидат Божји синови

Вистина ви велам, ако не се повратите и не бидете како деца, нема да влезете во царството небесно (Мт. 18:3).

Така говори Господ и Неговиот збор е свет и вистинит. Каква е таа предност на децата над возрасните? Имаат

три предности: во верата, во послушноста и во незлобноста. Детето го прашува родителот за сè. И што и да му одговори родителот, тоа му верува. Детето е послушно на својот родител и лесно ја потчинува својата волја на волјата на родителот. Детето е незлобно, иако брзо се лути, брзо и простува. Тие три работи ги бара Господ од сите луѓе: верата, послушноста и незлобноста. Тој бара луѓето безусловно да веруваат во Него како што детето верува на својот родител, безусловно да бидат послушни кон Него како што е детето послушно на својот родител; и да бидат незлобни во односот еден кон друг, да не го паметат злото и да не враќаат зло за злото.

Верата, послушноста и незлобноста се главни одлики на детската душа. Покрај нив, уште доаѓаат: бестрасноста и радоста. Детето не е среброљубиво, детето не е лакомо, детето не е славољубиво; тоа има непоматено око од пороци и непоматена радост од грижи.

О браќа, кој може повторно да нè направи деца? Никој освен единиот Христос. Он може повторно да нè направи деца и со помош на нашето повторно раѓање, и тоа: со Својот пример, со Својата наука и со силата на Својот Свет Дух.

О Господи Исусе, совршен во послушноста и незлобноста, вечен младенецу на небесниот Отец, помогни ни да бидеме како младенци со верата во Тебе, со послушноста кон Тебе и со незлобноста на еден кон друг. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

31 ЈАНУАРИ

1. Св. Кир и Јован, бесребреници и чудотворци. Овие милосрдни и чудни светители не биле браќа по крв, туку биле браќа по дух. Кир најнапред живеел во Александрија и како лекар ги лекувал луѓето и со силата Христова и со физички лекови. Дознавајќи дека болестите најмногу ги напаѓаат луѓето поради гревовите, тој секогаш ги упатувал болните со покајание и со молитва да ја очистат својата душа од гревовите, та преку тоа да би го повратиле и здравјето на телото. Кога настанало Диоклецијановото гонење на христијаните, Кир се оддалечил во Арабија каде што примил монашки чин. Но како што бил познат во Александрија,

така се прочул и во Арабија, та луѓето и овде прибегнувале кон него за помош. Кога слушнал за Кир, Јован, тогашен римски офицер во Едеса, дошол во Арабија да го види Кира. Кога се виделе, тие двајцата се засакале еден со друг како браќа и останале заедно да се подвизуваат. Во тоа време мачителите измачувале некоја христијанка Атанасија, со нејзините три ќерки во градот Каноп. Слушнале за ова Кир и Јован и дошле во Каноп да ги храбрат мајката и ќерките за да не отпаднат од верата. И навистина, благодарејќи на советите на овие светители, Атанасија ги претрпела сите маченња и со ќерките била погубена за Христа. Ќерките на Атанасија се викале: св. Теоктиста од 15 години, Теодотија од 13 години и Евдокија од 11 години. Тогаш мачителите ги фатиле Кира и Јована и, по маченјата и затворот, ги исекле во 311 година. Овие свети маченици направиле безбројни чуда и за животот и по смртта. Нивните мошти во времето на царот Аркадиј биле пренесени во Рим. Тие се повикуваат на помош посебно при несоница, при осветување на вода и при елеосвештение.

2. Св. мч-чка Трифена. Доброволно и храбро поднесла многу маки за Христа. Бидејќи не сакала да се одрече од верата, ѝ бил пуштен еден бесен бик, кој ја избодил и ја убил. Тоа се случило во I век. Неа ја повикуваат на помош мајките кои не можат да ги дојат своите деца.

3. Преп. Никита Печерски. Како монах, не го послушал игуменот, се оддалечил од манастирот и се затворил во една келија. Поради непослушноста, Бог му испратил едно искушение. Еднаш, кога Никита бил на молитва, му се јавил ѓаволот во вид на светол ангел и му рекол: „Немој повеќе да се молиш, туку читај книги, а јас ќе се молам за тебе!“ Никита послушал, престанал да се моли и почнал да чита книги. Го читал само ***Стариот завет***, а ***Новиот*** никако не можел да го отвори затоа што тоа не му го дозволувала ѓаволската сила. Со помош на ѓаволот и пророкувал и тоа само лоши дела, кражби, палежи и останати лоши дела што му се познати на ѓаволот затоа што и тој во нив учествува. Најпосле, светите отци печерски увиделе дека Никита паднал во ѓаволска измама, па почнале да се молат на Бога за него. Никита се повратил, ја увидел пропаста во која бил, горко се покајал за непослушноста и гордоста и се упатил по вистинскиот пат. По долго каење и многу солзи, Бог му опростил и го дарувал со дар на чудотворство. Се упокоил во 1108 година.

РАСУДУВАЊЕ

Иако светите отци го фалеле монаштвото како ангелски чин; иако многумина од најголемите светители го проживеале векот и дошле до совршенство во глува и безживотна пустина, сепак, православната црква не им препорачува монашење на сите верници. „Ниту сите во пустината се спасија, ниту во светот сите загинаа“, рекол еден светител. На еден граѓанин, кој не бил наклонет кон монаштвото, а сакал да појде во манастир, св. Неофонт му рекол: „Чедо, местото ниту го спасува ниту го погубува човекот, туку делата го спасуваат или го погубуваат“. Нема корист ни од свето место ни од свет чин оној кој не ги исполнува заповедите Господови. Саул, кој живеел во царска раскош, пропаднал; Давид во исто таква раскош – добил венец. Лот живеел помеѓу беззаконите Содомци – и се спасил; Јуда бил помеѓу апостолите и отишол – во Пеколот. Којшто зборува дека не е можно да се спаси со жена и деца, тој се лаже. Авраам имал жена и деца, и 318 робови и слугинки, и мноштво злато и сребро – па сепак е наречен „другар Божји“. О колку служители на Црквата и љубители на пустината се спасиле! Колку велможи и војници! Колку занаетчии и работници! Биди побожен и човекољубив и ќе се спасиш.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа како домаќин во домот Свој, и тоа:

1. како Он оди по овој свет, како Оној Кој има власт заповедувајќи ѝ на природата и изгонувајќи ги демоните;
2. како Он грижливо се труди за секој човек со кого ќе се сретне како домаќин за своите деца;
3. како Он се однесува во храмот како домаќин во домот, очистувајќи го храмот од трговците.

БЕСЕДА
против сквернавење и за извршување на целиот Божји закон

Ова требаше да го правите, но и она да не го оставате (Лк. 11:42).

Овде се мисли на законот и милоста. Во душите на фарисеите и секташите нема место за двете, т.е. тие не можат и да ги извршуваат прописите на законот и да прават милост, туку препирајќи се за тоа што е поважно од овие двете, едното го испуштаат, а второто го чуваат. Фарисеите формално строго ги чувале законските прописи, но сосема ги напуштиле милоста и човекољубието. Секташите, пак, си ласкаат себеси дека ја чуваат правдата Божја, но сосема ги отфрлаат прописите на црковните закони.

Православието претставува полнота на верата. Тоа заповеда да се прави тоа и да не се остава она. Тоа е внимателно кон надворешните прописи на верата како човек кога оди помеѓу земјени садови и внимава да не ги искрши. Но тоа е уште повеќе внимателно кон правдата и милоста Божја како човек кој оди меѓу земјени садови и ги цени и ги чува, не поради земјата од која тие се направени, туку поради скапоценоста на содржината што е во нив. Празните садови што никогаш со никакво пиење не се полнат се безвредни, како и празните фарисејски законски форми. Пијалакот, пак, што се истура на ветрот се растура и се губи, бидејќи не се истура во одредени за тоа садови.

И така, во православието нема еднострaност, како што ја немало и во Господа Исуса. Господ му вели на Јована Крстител дека кој дише со правда и со милост Божја, треба да го исполни законот; а на фарисеите, на празните параграфлии без правда и милост Божја им вели: „Милост сакам, а не жртва!“ Очигледно е дека е поважно она што треба да го правиме отколку она што треба да го оставиме. Но ни малку не значи дека она што е помалку важно е непотребно. Во човечкиот организам има полно важни и полно неважни органи, но сите тие заедно го прават човечкото тело.

О Господи, сеопфатен, не давај ни да бидеме еднострани, но помогни ни да ја исполниме целата Твоја волја. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

1 ФЕВРУАРИ

1. Св. мч. Трифун. Роден е во селото Кампсада во Фригија од сиромашни родители. Во детството чувал гуски. И уште од детството врз него била благодатта Божја, та можел да им ги исцелува болестите на луѓето и на стоката и да изгонува лоши духови. Во тоа време со Римското Царство владеел царот Гордијан, чија ќерка Гордијана полудела и со тоа многу го натажила својот татко. Сите лекари не можеле да ѝ помогнат на безумната Гордијана. Тогаш лошиот дух проговорил од безумната девојка и рекол дека него никој не може да го истера освен Трифун. Од многуте „Трифуновци" од царството и овој млад Трифун бил повикан по Божја промисла. Тој бил доведен во Рим каде што ја исцелил царската ќерка. Царот му подарил многу дарови, а св. Трифун при враќањето сите им ги разделил на сиромасите. Во своето село ова свето момче продолжило да чува гуски и да Му се моли на Бога. Кога се зацарил христоборниот Декиј, светиот Трифун бил тормозен и остро мачен за Христа. Но тој ги поднесол сите мачења со голема радост говорејќи: „О кога би можел да се удостојам со оган и маки да завршам за името на Исуса Христа мојот Господ и Бог!" Сите маки ништо не му наштетиле и мачителите најпосле го осудиле на исекување со меч. Пред смртта, св. Трифун Му се помолил на Бога и Му ја предал својата душа на својот Создател во 250 година.

2. Св. мч-ци Перпетуа, Фелицита, Сатир и други со нив. Во времето на царот Септимиј Север сите биле фрлени в затвор како христијани. Света Перпетуа била од благородничко потекло. Таа ги храбрела сите останати затвореници во самицата да не се плашат да пострадаат за Христа. Во сон Перпетуа видела скала од земјата до небото сета наредена со остри ножеви, мечеви, копја, јадици, клинци и со други смртоносни оружја. А на дното на скалата лежела страшна змија. И видела како Сатир прв истрчал неповреден по скалата до врвот, па од врвот ѝ викнал на Перпетуа: „Перпетуа, те чекам, ајде, но варди се од змијата!" Охрабрена со тоа, Перпетуа ѝ застанала на главата на змијата како на прво скалило, па со ред брзо истрчала до врвот. Кога се искачила до врвот, влегла во небесата, ги видела прекрасните небесни дворови и била мошне радосна. Кога го раскажала својот сон, сите затвореници протолкувале дека им прет-

стои скорешна смрт, и тоа прво на Сатир. Тоа брзо и се остварило. Прв бил убиен Сатир, па Перпетуа, па останатите со ред. Како јагниња исклани за Христа Јагнето Божјо тие од Христа и примиле вечна награда во Царството на светлината. Пострадале сите за Христа во 202 – 203 година.

3. Преп. Петар Галатиски. Во својата седма година го напуштил родителскиот дом заради Христа и се повлекол в пустина. Тука со пост и молитва толку се усовршил што многу чуда правел со силата на Духот Божји. Околу 429 година се преселил во вечното Царство Христово, во својата 99. година.

РАСУДУВАЊЕ

Претсмртна молитва на св. Трифун: „Господи, Боже на боговите и Цару на царевите, Најсвет од сите светии, Ти благодарам што ме удостои да го завршам подвигот без колебање. И сега Ти се молам да не ме допре раката на невидливиот демон, да не ме одвлече во длабочината на погибелот, туку Твоите свети ангели нека ме воведат во прекрасните Твои населби и направи ме наследник на саканото Твое царство. Прими ја душата моја и услиши ја молитвата на сите оние кои ќе Ти принесуваат жртва во мој спомен; погледни на нив од Твоето свето живеалиште; дарувај им обилни и негнилежни дарови. Зашто Ти си единствен благ и милостив Дародавец, во вечни векови, амин“. Откако св. Трифун пострадал во Никеја и откако над неговото мртво тело се случиле многу чудни исцеленија, никејските граѓани сакале да го погребат во своите гробишта. Но светителот му се јавил некому во визија и ја искажал својата желба да го пренесат во неговото село Кампсада каде што некогаш чувал гуски, таму да го сохранат.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса како свеж и здрав воздух на душата, и тоа:

1. како свеж и здрав воздух со кој душата дише и од гниење се спасува;

2. како свеж и здрав воздух, што пророците, апостолите и светителите го вдишувале и биле здрави во душата;

3. како свеж и здрав воздух на мојата душа што го изгонува здивот на гревот во мене и ме прави свеж и здрав душевно.

БЕСЕДА
за зборот Божји што чисти како оган

Вие сте веќе чисти преку словото што сум ви го проповедал (Јн. 15:3).

Со збор Господ го создал светот, со збор го обновил, со збор простувал гревови, лекувал болести, изгонувал лоши духови, бури и ветрови стишувал. Со Своето свето Слово Он и сега ги исчистува луѓето, та исчистени да донесат поголем плод. Како лозите кога ќе се исечат и ќе се исчистат, така словото Господово е силно, бидејќи произлегува од Сесилниот. „Со словото Господово се создадоа небесата“ (Пс. 32:6). Словото Господово е светло како сонце, но, кога треба, тоа е и огнено, па го изгорува сето она што оди против Господа. Словото Господово е слатко како мед, но, кога треба, тоа е и горчливо како лекот. Словото Господово е добредојдено како пријател кој тропа на вратата токму кога е најпотребно, а не кога ќе затреба, Словото Господово е како судија кој затекнува во грев и осудува, не допуштајќи изговори. Словото Господово е вистинито, праведно, мудро, милостиво: затоа е така сесилно. Никој и ништо не може да Му се спротивстави, ни на небото, ни на земјата. И зборот човечки е моќен кога е вистинит, праведен, мудар и милостив. Но како што болеста може еден џин да го ослаби и изнемошти да постане немоќен како дете, така лагата, неправдата, безумноста и немилоста го снеможува зборот човечки и постанува ништо како закана со забите на лисицата против месечината. Кој ги штеди зборовите, тој ги кова од чисто сребро. А кој немилосрдно ги растура, тој мора да ја помешува земјата со среброто.

Словото Твое, о Господи, е живот и вистина. Исчисти нè со Твоето сесилно Слово како што Си ги исчистил апостолите. Многумина да родиме плод и да се удостоиме за Твоето царство. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

2 ФЕВРУАРИ

1. Сретение Господово. Во четириесеттиот ден по Рождеството, Пресвета Дева Го донесла својот божествен Син во ерусалимскиот храм, согласно со законот, за да Му Го посвети на Бога и себеси да се исчисти (Левит 12:2–7; Исход 12:2). И иако ни едното ни другото не било потребно, сепак Законодавецот не сака никако да се огреши во Својот Закон, кој Он го беше дал преку Својот слуга и пророк Мојсеј. Во тоа време дежурство во храмот имал првосвештеникот Захарија, таткото на св. Јован Претеча. Тој ја ставил Дева Марија не на местото за жени, ами на местото за девојки во храмот. Во таа прилика во храмот се појавиле две чудни личности: старецот Симеон и вдовицата Ана, ќерката на Фануил. Праведниот старец Го зел во своите раце Месијата и рекол: „Сега го отпушташ Својот слуга со мир, Владико, зашто очите мои го видоа спасението Твое“. Симеон уште рекол за Христа Младенецот: „Еве, Овој лежи за паѓање и подигнување на мнозина во Израилот“. Ана, пак, која од младоста Му служела на Бога во храмот со пост и со молитва, Го познала Месијата, па Го прославила Бога и им објавила на ерусалимците за доаѓањето на Долгоочекуваниот. А фарисеите, што биле присутни во храмот, кои виделе и слушнале сè, почнале да се гневат на Захарија што ја ставил Дева Марија на местото за девојки, тоа му го кажале на царот Ирод. Уверен дека тоа е Новиот Цар, за Кого мудреците од Исток му говореле, Ирод брзо испратил да Го убијат Исуса. Но, во меѓувреме, божественото семејство веќе се оддалечило од градот и се упатило во Египет според упатството на ангелот Божји. Денот на Сретението е празнуван од самиот почеток, но торжественото празнување на овој ден е востановено особено во 544 година, во времето на царот Јустинијан.

2. Св. новомч. Јордан. Родум е од Трапезунт, по занимање казанџија. Затоа што отворено ја бранел верата Христова и ја разобличувал верата Мухамедова, пострадал од Турците во 1650 год. во Галата во Цариград. Исто така, пострадал и монахот Гаврил, канонархот на великата црква во Цариград во 1672 година.

РАСУДУВАЊЕ

Говорејќи за постепеното ширење и славење на Божик, св. Јован Златоуст вели: „Како што прекрасните и благородни овошки кога ќе се посадат во земјата, наскоро достигнуваат голема височина и отежнуваат од плодови, така и овој ден". Така е и со денот на Сретението Господово. Од почетокот тој ден се споменувал помеѓу христијаните, но торжественото празнување почнало од времето на великиот цар Јустинијан. Во времето на овој цар се случило голем помор на народот во Цариград и во неговата околина. Дневно умирале по пет и повеќе илјади луѓе. Во тоа време се случило и страшен земјотрес во Антиохија. Согледувајќи ја немоќта со човечки средства да се отстранат тие беди, царот, во договор со патријархот, наредил пост и молитва во целото царство, а на самиот ден на Сретение започнале големи литии низ градовите и селата. И Господ навистина се смилувал, та поморот и земјотресот наеднаш престанале. Тоа се случило во 544 година. По тој повод и од тоа време почнало да се празнува Сретение како голем Господов празник. Дрвото со време се развило и почнало да донесува обилни плодови.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса како здравје, и тоа:

1. како здравје на нашиот ум, бидејќи со Него здраво мислиме;
2. како здравје на нашето срце, бидејќи со Него здраво чувствуваме;
3. како здравје на нашата волја, бидејќи со Него здраво делуваме;
4. како здравје на семејството, на Црквата, на училиштето, на народот и на секоја установа.

БЕСЕДА
за раководството на Духот Божји

Исполнет со Дух Свети, Исус се врати од Јордан, и беше одведен од Духот во пустина (Лк. 4:1).

Видете, браќа, што значи да бидеш исполнет со Светиот Дух Божји. Без Божјиот Дух човекот е исполнет со грижи каде и како ќе оди. А со Духот Божји човекот е без тие грижи. Бидејќи тогаш самиот Дух го упатува човекот каде да оди и како ќе дејствува, човекот постанува непогрешен во своето движење и дејствување затоа што е непогрешен Духот што го води и раководи. Не може ни право да оди и ни право да дејствува, ако тоа не му го каже семоќниот и севидливиот Дух Божји. Којшто не се раководи од Светиот Дух Божји, тој се раководи или со својот сопствен дух или со лошиот демонски дух поради што, постанува немоќен, озлобен, ожалостен, гневен и очаен. Ние не можеме да Го поднесеме Божјиот Дух во полнота како Христос Господ, но можеме да го придобиеме толку колку што ни е потребен за да знаеме каде, што и како. Според чистотата на срцето, Духот се вселува во срцето и од срцето управува со човекот.

Затоа Црквата толку често ја повторува оваа молитва: „Цару небесен, Утешителу, Духу на вистината, пријди и всели се во нас“. Боже, Духу Свети, на Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

3 ФЕВРУАРИ

1. Св. Симеон Богопримец. Во времето на египетскиот цар Птоломеј Филаделф, Симеон бил избран како еден од познатите седумдесетмина на кои им била доверена работата на преведувањето на ***Библијата*** од еврејски на грчки јазик. Симеон ја работел својата работа совесно, но кога ја преведувал книгата на пророкот Исаија, па дошол до она пророштво: „Ете, Девица ќе зачне и ќе роди Син“, тој се збунил, па зел режалка да го избрише зборот *Девица* и да го замени со зборовите: *млада жена* и така да го преведе на грчки. Но, во тој момент, на Симеона му се јавил ангел Божји и го спречил во неговата намера, објаснувајќи му дека про-

роштвото е вистинито и дека сè е точно запишано. А дека е вистинито и точно, му рекол весникот Божји, ќе се увери и самиот тој лично оти, по Божјата волја, нема да умре додека не Го види Месијата, родениот од Девојка. Се зарадувал праведниот Симеон на таквиот глас од небото, го оставил пророштвото неизменето и Му се заблагодарил на Бога што го удостојува да доживее и да Го види Ветениот. Кога Младенецот Исус бил донесен од Дева Марија во храмот ерусалимски, Духот Божји тоа му го јавил на Симеона, кој бил мошне стар и бел како лебед. Симеон брзо отишол во храмот и таму ги познал и Девицата и Младенецот по светлината што зрачела околу главите Нивни како ореол. Радосниот старец Го зел Христа во рацете свои и Го замолил Бога да го отпушти сега од овој живот: „Сега го отпушташ Својот слуга со мир, Владико, според зборовите Твои, зашто очите мои го видоа спасението Твое“. Тука се нашла и пророчицата Ана, ќерката на Фануил, која и самата Го познала Месијата и му Го објавила на народот. Ана тогаш имала 84 години. Наскоро потоа св. Симеон се претставил. Овој праведен старец, Симеон, се смета за заштитник на малите деца.

2. Св. мч-ци Адријан и Евула. Овие две свети души дошле од своето место Ванеја во Кесарија Кападокиска да ги посетат во самица затворените христијани, та да ги утешат и охрабрат. Но и тие биле фатени и на смрт осудени. Адријана го исекле со меч, а Евула го фрлиле пред ѕверови во 309 год. И така, не жалејќи по овој живот, тие чесно и радосно преминале во вечниот живот.

РАСУДУВАЊЕ

Со колкава слава на небото се удостоил св. Симеон Богопримец, кој Го држел Спасителот на светот во своите раце, јасно покажува овој случај, раскажан во житието на св. Петар Атонски (12 јуни). Како војвода, Петар во една битка бил заробен, окован и фрлен во затвор во некој град Самара на брегот на реката Еуфрат. Темнувајќи долго, Петар со солзи се молел на св. Николај да Го замоли Бога за него да се ослободи од затворот, заветувајќи се дека сиот ќе се посвети на Бога. Му се јавил св. Николај на сон и му рекол дека тој се молел на Бога за него, но дека Бог го одлага неговото ослободување затоа што тој, Петар, и порано давал сличен завет на Бога, а не го одржал. И уште, св. Николај го

посоветувал да се моли на св. Симеон Богопримец, „кој е многу моќен пред Бога и стои во близина на престолот Божји заедно со Пресвета Дева и св. Јован Претеча“. Петар го послушал советот на светителот и почнал да му се моли на св. Симеон. Тогаш пак му се јавил св. Николај, заедно со св. Симеон, и тоа не на сон туку најаве. Петар го видел Симеона, со прекрасен изглед, светол на лицето, облечен во одежди на старозаветен првосвештеник, со златен жезол во раката. Св. Симеон му рекол на Петра: „Сакаш ли да го исполниш заветот и да бидеш инок?“ На тоа Петар одговорил: „Да господару, со Божја помош“. Тогаш Симеон се допрел со својот жезол до оковите Петрови и оковите се растопиле како восок. И се отвориле вратите на затворот, а светителите го извадиле Петра од затворот.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса како камен–темелник, и тоа:

1. како камен–темелник во ѕидањето на личниот карактер;
2. како камен–темелник во ѕидањето на семејството и народот;
3. како камен–темелник на секое добронамерно општествено преобразување и човечко претпријатие.

БЕСЕДА
За Духот Божји што говори преку духоносците

Не грижете се како или што ќе зборувате... бидејќи Духот на вашиот Отец ќе говори во вас (Мт. 10:19–20).

Ова се зборови на Оној Кој знае сѐ и Кој објавил на светот знаење што никој пред Неговата посета не го знаел. Ако некој е исполнет со Духот Божји, тогаш тој не зборува од човечки дух, туку Духот Божји говори од него и преку него. Тогаш тој е само справа или лира на Духот Божји преку која Бог Дух говори. И кога говори таков човек, тој зборува непогрешно и никој не може да најде лага во неговиот

говор, освен оние, кои според превртеност на умот, ја сметаат вистината за лага. Како говорат луѓето исполнети со Дух Божји, јасно се покажало со примерот на пророците, а уште појасно со примерот на апостолите. Толку чудни и неверојатни изгледале зборовите на апостолите на туѓинците, т.е. на оние кои немале во себе Дух Божји, и кои знаеле да говорат само од земјата, што ги сметале апостолите за пијани. Всушност, пијани и смешни изгледале тие што не знаеле и сите оние луѓе кои први почнале да зборуваат за скриените чуда на овој физички свет, за силата на парите, на магнетизмот, на електрониката, на безжичната телеграфија, на разговорите на далечина. Како, пак, да не изгледаат пијани и смешни духовните луѓе кои со Духот Божји говорат за безбројните скриени тајни на духовното царство? Кој и да се скруши пред Бога, Бог го прави силен. Во скрушеното срце Духот Божји се вселува и оттаму говори преку човечката уста. Тоа е потврдено не само кај пророците и апостолите, туку и кај многубројните Божји синови и ќерки.

Господи благ, не ускратувај ни Го Твојот Свет Дух. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

4 ФЕВРУАРИ

1. Преп. Исидор Пелусиот. Родум е Египќанец, син на угледни родители и роднина на александриските патријарси Теофил и Кирил. Проучувајќи ги сите светски науки, тој се одрекол од богатството и светската слава и целиот се предал на духовен живот заради љубовта Христова. Бил голем и усрден бранител и толкувач на православната вера. Според тврдењето на историчарот Никифор, св. Исидор напишал преку десет илјади писма на разни лица, во кои, едни ги укорувал, други ги советувал, трети тешел, четврти ги поучувал. „Поважно е да се поучуваме на добродетелен живот, отколку на красноречиво проповедање“, напишал тој во едно писмо. Во друго вели: „Ако некој пожелува добродетелите да му се покажат големи, нека ги смета за мали и тие навистина ќе се покажат големи“. Прво и основно правило за св. Исидор било: прво да се твори, па тогаш да се учи, по примерот на Господа Исуса. Во времето на гонењето на св. Златоуст, кога сиот свет се поделил на два табора, едниот за, а другиот против овој голем столб на православието, св.

Исидор застанал на страната од Златоуст. Тој му пишувал на патријархот Теофил какво големо светило на Црквата е Златоуст и го молел да ја остави омразата кон него. Поживеал долго, сработил многу, прославувајќи Го Христа Бога со животот и перото и се преселил во Царството Христово околу 436 година.

2. Преп. Никола Исповедник. Овој светител бил од островот Крит. Дошол во Цариград да го посети својот роднина Теодор, игуменот на Студитскиот манастир, па тука и останал и се замонашил. Како монах, Никола ги поминал сите подвизи заради спасението на својата душа. Во времето на гонењето на Црквата од страна на Лав Ерменинот, Теодор и Никола биле остро мачени, понижувани, биени со воловски жили, најпосле фрлени во самица, каде што самувале три години. По смртта на св. Теодор, Никола станал игумен студитски. Уште додека живеел, правел чуда со силата на благодатта Божја. Така, ја исцелил од болест Евдокија, жената на царот Василиј, и Елена, жената на патрикот Мануил. На Теофила Мелисен, угледен благородник, на кого не можеле да му се задржат децата, му ја благословил новородената ќерка и прорекол дека ќе живее и ќе биде многуплодна, коешто и се случило на радост на родителите. На самиот ден на смртта, ги повикал монасите и ги запрашал што им недостасува? „Жито“ – одговориле монасите. Тогаш претсмртникот рекол: „Оној Кој го исхранил Израилот во пустината ќе ви испрати и на вас изобилно пченица по три дена“. И навистина на третиот ден допловил под манастирот еден брод полн со жито испратен од царот Василиј. Се преселил во царството небесно во 75 година на својот живот, на 4 февруари 868 година.

3. Св. новомч. Јосиф. Родум е од Алеп. Приморуван од Турците да се потурчи, Јосиф не само што го одбил тоа, ами почнал да ги разобличува мухамеданските лаги и да ја фали Христовата вера. Поради тоа бил мачен и обезглавен во 1686 год.

РАСУДУВАЊЕ

Нареди си себеси некоја епитимија за гревовите на другите луѓе. Ако некој си осудил или си казнил, наложи си и на себе некаква епитимија. Доброволно пострадај и ти малку за гревовите на грешникот. Тоа Му е угодно на Бога.

Оваа тајна ја знаеле светителите кои себеси се осудувале заради гревовите на другите луѓе. Оваа тајна ја наѕираат дури и нехристијанските народи. Во Кина постои ваков обичај: кога џелатот ќе го исече злосторникот кој бил осуден на смрт, му приоѓа на судијата и му соопштува дека ја извршил пресудата. Судијата му дава една сребрена пара затоа што го убил злосторникот и наредува да му удрат 40 стапови затоа што тој убил човек. Христијанските светители длабоко ја разбирале тајната на гревот и човечките неправди. Секој човечки грев за нив имал онолку долга историја колку што е растојанието од нас до Адама.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса како радост, и тоа:

1. како радост што го разведрува целиот човечки дух;
2. како радост што во човекот ги оживува и ги зајакнува сите сили кон доброто;
3. радост од Неговото име, од Неговите зборови, од Неговите дела и од Неговиот здив.

БЕСЕДА
за среќата на малиот Закхеј

Денес дојде сӣасениеӣо на овој дом (Лк. 19:9).

Така рекол Оној чијшто збор е живот, радост и обновување на праведниците. Како што поцрнетата гора се облекува во зеленило и цвет со пролетен мирис, така и секој човек, колку и да е исушен и поцрнет од гревот, се освежува и се подмладува од Христовата близина. Бидејќи Христовата близина е како близина на некој животворен и миризлив балсам што го враќа животот, ѝ дава мирис на душата, на мислите и на зборовите; со еден збор, Христовата оддалеченост означува гнилеж и смрт, а близината Негова значи спасение и живот.

Денес дојде спасението на овој дом, рекол Господ, влегувајќи во домот на грешникот Закхеј. Христос бил спасението што дошло, а Закхеј бил домот во кој Он влегол. Секој од нас, браќа, е дом во кој живее гревот додека е дале-

ку Христос и на кој доаѓа спасение кога ќе му се приближи Христос. Дали, пак, Христос ќе се приближи до мојот или до твојот дом, тоа зависи од нас. Гледај, Он не влегол самоволно во домот на грешниот Закхеј, туку како најсакан гостин. Малиот Закхеј се искачил на дрвото само за да го види со своите очи Господа Исуса. Тој Го барал, тој Го посакувал. И ние мораме да Го бараме за да Го најдеме, и да Го посакуваме за да ни се приближи, и да се искачуваме високо со својот дух за да го сретнеме Неговиот поглед. Тогаш Он ќе го посети нашиот дом како што го посетил домот на Закхеја. А со Него ќе дојде и спасението.

Приближи ни се, о Господи, приближи ни се и донеси ни го и нам Твоето вечно спасение. На Тебе слава ѝ вечна пофалба. Амин.

5 ФЕВРУАРИ

1. Св. мч-чка Агатија. Оваа славна девица и маченичка Христова се родила во сицилијанскиот град Палермо од благородни и имотни родители. Кога царот Декиј почнал гонење на христијаните, и света Агатија била фатена и изведена на суд пред судијата Квинтинијан. Судијата ја видел Агатија многу убава во лицето и посакал да ја има за жена. Кога тој тоа ѝ го предложил на Агатија, таа му одговорила дека е невеста Христова и дека не може да Му биде неверна на својот свршеник. Судијата ја ставил на тешки маки: св. Агатија била удирана, исмејувана, на дрво врзувана и тепана до крв. Потоа судијата повторно ѝ посоветувал да се одрече од Христа за да ги избегне понатамошните маки, на коешто невестата Христова одговорила: „Овие маки за мене се многу корисни, како што пченицата не може да дојде во амбарот пред да се исчисти од плевата, така ни мојата душа не може да влезе во Рајот, ако моето тело прво не биде скршено во маките". Тогаш мачителот наредил да ѝ ги отсечат градите, па потоа ја фрлиле во затвор. Во затворот ѝ се јавил св. апостол Петар и ѝ го вратил целосно телесното здравје. Повторно била изведена на мачење и повторно била фрлена во затворот каде што ја предала својата душа на Бога во 251 година во градот Катана, а во времето на царот Декиј. По смртта на Агатија, нејзиниот мачител Квинтијан отишол да го заграби нејзиниот имот. Но по патот коњите

се разбесниле под него и под војниците, та сиот го изгризале по лицето, го кутнале на земјата и го изгазиле со нозете до смрт. Така набрзо го стигнала казната Божја за дивиот злостор над света Агатија.

2. Св. мч-чка Теодула. Пострадала за Христа во времето на Диоклецијан, нечестивиот римски цар. При маченето, Теодула го вразумила едниот од мачителите, Еладиј, и го привела кон верата Христова. Кога Еладиј јавно ја исповедал својата вера во Христа, бил со меч исечен. Св. Теодула се држела мошне храбро на судот, поради што судијата ја нарекол безумна. На тоа Теодула му рекла: „Безумни сте вие кои Го заборавивте единиот вистински Бог, па им се поклонувате на мртвите камења“. Судијата ја ставил на лути маки; св. Теодула јуначки ги издржала и со своето јунаштво многумина ги пленила и кон Христа ги обратила. Меѓу нив биле и двајца угледни граѓани, Макариј и Евагриј. Со овие двајца, и со мнозина други, св. Теодула била фрлена во вжарена печка каде што чесно сите завршиле и на Христовото царство се удостоиле.

3. Св. Полиевкт патријарх Цариградски (+ 970 година). Заради својот висок ум, ревноста верска и красноречивоста, е наречен втор Златоуст. Во времето на патријархот Полиевкт и царот Константин Порфирогенит, во Цариград дошла руската кнегиња Олга и тука се крстила, а царот ѝ бил кум. Св. Полиевкт пророчки ѝ рекол: „Благословена си ти меѓу руските жени зашто си ја возљубила светлината и си ја отфрлила темнината, ќе те благословуваат руските синови до последното колено“. Од простите монаси Полиевкт бил земен за патријарх во 946 година и останал на патријаршискиот престол сè до својата смрт во 970 година.

РАСУДУВАЊЕ

Монасите го прашале големиот ава Исхирион:

– Што направивме ние?

– Ние ги исполнувавме Божјите заповеди – одговорил Исхирион.

– А што ќе прават тие што ќе дојдат по нас?

– Тие ќе го прават ова што ние го правиме, но намалено за половина.

– А тие по нив?

– Тие при завршетокот на времето нема никако да одржуваат монашко вежбање, но нив ќе ги постигнат такви тешкотии и искушенија, та преку трпението на тие тешкотии и искушенија ќе се покажат во Божјото царство поголеми од нас и од нашите татковци.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса како единствен вистински просветител, и тоа:

1. како просветител на секој човек;
2. како просветител, следствено и на општеството и на сецелото човештво;
3. како просветител Кој ги осветлува со неминлива светлина: и умот, и срцето, и волјата човечка.

БЕСЕДА
за смртта како спиење

Лазар, пријателот наш, заспал, но ќе отидам да го разбудам (Јн. 11:11).

Господарот на животот, смртта ја нарекува спиење. О, колкава неискажана утеха за нас! О, каква слатка новина за светот! Телесната смрт не значи уништување на човекот, туку само заспаност, од која може да разбуди само Оној Кој ја разбудил и првата прашина во живот со Својот збор.

И кога Господ извикал: „Лазаре!“, човекот се разбудил и оживеал. Господ го знае името на секој од нас. Кога Адам го знаел името на секое Божјо создание, како не би не знаел Господ секого од нас по име? Не само да нè знае, туку Он нас и нè повикува по име. О, сладок и животворен глас на Единиот Човекољубец! Тој глас може од камења да создаде синови Божји! Како да не нè разбуди од гревовниот сон?

Некој човек подигнал камен да го убие својот брат. Но во тој момент му се причинило дека го слуша гласот на мајката каде го повикува по име. Само го слушнал мајчиниот глас и раката му се затресла, па го испуштил каменот и се

засрамил од гревот во намера. Мајчиниот глас го разбудил од греовната смрт. Па кога гласот на мајката спасува и разбудува од смртта, како ли, пак, гласот на Создателот и животодавецот!

Кога и Господ да викнел некого, кој бил мртов само со телото, секој се разбудувал и станувал. Но секој не се пробудил и не станал од оние кои умреле со душата кога ќе повикал Господ, бидејќи за ова будење, за ова воскресение, е потребна и согласност на волјата на умрениот! „Јуда, зар со целив издаваш?“ Така викнал животворниот глас, но мртовецот останал мртовец и грешникот не се пробудил. „Савле, Савле, зошто Ме гониш?“ – викнал животворниот глас и заспаниот од грев се разбудил, мртвиот оживеал. Навистина подлабок е гревовниот сон од смртта и тој што спие не се разбудува лесно.

Сладок Господи, разбуди нѐ од гревовниот сон, разбуди нѐ, Господи! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

6 ФЕВРУАРИ

1. Св. Вукол еп. Смирненски. Ученик на св. Јован Богослов, кој и го посветил за епископ на градот Смирна. Во Смирна тогаш имало малкумина крстени. Во темнината на незнабоштвото св. Вукол светел како јасна свеќа. Се одликувал со сите добродетели, а особено со благост и кроткост. Пред својата смрт, св. Вукол го посветил славниот Поликарп за свој наследник во епископството, а тој мирно завршил и отишол при Господа.

2. Св. мч-чка Фауста. Пострадала за Христа во времето на царот Максимијан (помеѓу 305 и 311 година). Со своето јунаштво ги восхитила и во христијанството ги обратила своите мачители: осумдесетгодишниот жрец Евиласиј и епархот Максим. Кога судијата ѝ се заканувал на Фауста со уште пострашни маки, таа му рекла да направи нејзина икона со претставување на сите маки со кои тој ѝ се заканувал. Кога иконата била готова и ѝ ја покажале, света Фауста изговорила: „Како што оваа икона не чувствува никакви маки, така ни моето тело не чувствува маки од твоите казни, зашто мојата душа е утврдена во Господа“. Судијата ја фрлил во котел со врела вода, каде што ова свето тринаесетго-

дишно девојче завршило со молитва на устата и отишло во Рајот.

3. Св. мч-чка Доротеја. Угледна и прекрасна девица од Кесарија Кападокиска. Управникот на областа Саприкија ја дал Доротеја на две незнабожечки сестри, Христина и Калиста, за тие да ја одвратат од Христа. Но се случило спротивното: Доротеја успеала да ги обрати обете сестри во верата Христова. Налутен Саприкиј наредил да ги врзат тие две сестри со грбот едната за другата и ги фрлиле во сад со смола, па ги запалиле. Тогаш и Доротеја ја осудиле на смрт. Таа радосно ја сослушала пресудата и извикала: „Ти благодарам, душељупче Христе што ме повикуваш во Твојот Рај и ме воведуваш во Твоите пресвети дворови!" Некој присутен големец Теофил се насмеал на овие зборови, па ѝ довикнал на св. Доротеја: „Почуј, невесто Христова, испрати му јаболка и цвеќиња од шипинките од Рајот на твојот младоженец!" „Навистина тоа ќе го направам!" – му одговорила маченичката. Кога Доротеја била на губилиштето, наеднаш се појавило едно прекрасно момче со три јаболка и три црвени цвета од шипинки. Тоа бил ангел Божји. А времето било зимно. Му рекла св. Доротеја на ангелот тоа да му го однесе на Теофила и да му рече: „Еве ти тоа што го сакаше!" Кога Теофил ја примил пораката и го видел дарот, сиот бил преплашен. Во него сѐ се превртело и тој закоравен незнабожец постанал христијанин. И тој бил мачен и убиен за Христа, та отишол со душата во Рајот на Господа Исуса, наскоро по св. Доротеја.

4. Св. Фотиј патријарх Цариградски. Голем светилник е на Црквата. Царски роднина и внук на славниот патријарх Тарасиј. Неодолив заштитник на Црквата од властољубиeто на папата и на останатите римски изопаченија на верата. За шест дена ги поминал сите чинови од световник до патријарх. Станал патријарх на Божик во 857 година, а завршил во Господа во 891 година.

5. Преп. Варсонуфиј и Јован. Големи подвижници од Газа, претскажувачи и чудотворци. Ја оставиле познатата книга „Прашања и одговори" во која одговориле на многу прашања за духовниот живот. Живееле во VI век.

6. Св. мч-ци Марта и Марија и брат им Ликарион. Сите тројца биле распнати на крст за Христа, па потоа биле избодени и убиени со копје.

РАСУДУВАЊЕ

Свети Варсонуфиј, кој 50 години живеел затворен во својата ќелија и не дозволил да биде виден ниту од еден жив човек, преку богомислие и молитва достигнал необична чистота и предвидливост. Еве неколку негови мисли од книгата „Одговори": „Секоја помисла, на која не ѝ претходи тишина на смирението, не произлегува од Бога"; „Сѐ што е од ѓаволот е со збрканост и метеж"; „Кога се молиш и Бог одлага да те услиша, тоа Он го прави на твоја полза за да те научи на долготрпеливост"; „Видливите разбојници се слуги на невидливите, мисловните разбојници"; „Господ Исус Христос претрпел сѐ и најпосле се искачил на светиот крст, што го означува умртвувањето на телото и страстите, и свето и совршено успокојување"; „Господ сака ти да го почитуваш секој човек повеќе од самиот себеси". Кога го прашале старецот дали да земат и да платат застапници во еден спор на манастирот со некои луѓе, тој одговорил: „Ако купите застапништво на луѓето, тогаш Бог нема да ве застапува".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса како работник, и тоа:

1. како физички работник преку долга низа години;
2. како духовен работник, Кој непрестајно ги учел луѓето, ги тешел, лекувал, давајќи му нов закон на светот;
3. како неуморен работник, Кој ја оставил заповедта: „Работете додека е дење".

БЕСЕДА
за заемното познавање на Отецот и Синот

Јас, пак, Го знам, оти сум од Него и Он ме испрати (Јн. 7:29).

Никој никогаш не се осудил да каже дека Го познава Бога. Многумина рекле само дека веруваат во Бога. Единствено Господ Исус ги изрекол зборовите: „Јас, пак, Го знам". И веднаш образложил од каде Го познава, велејќи:

„Оти сум од Него и Он ме испрати". Вистинската причина: „Оти сум од Него" сведочи за вечното битие на Синот; а втората причина: „и Он ме испрати", сведочи за привремената појава на Синот во телесниот свет како пратеник на Светата Троица.

Нам, на христоверните, не ни дозволил да го знаеме Отецот како што Неговиот единороден Син го знае, но ни е дадено и заповедано да веруваме. Нашата заслуга е во верувањето, а не во знаењето. Кога ние сите би Го знаеле Бога преку видување, никој не би имал заслуга, бидејќи каква е заслугата да видиш и да познаеш? Меѓутоа, да не се види а да се верува, во тоа е заслугата, во тоа е добродетелта, во тоа е нашето спасение. Ние не сме достојни да Го видиме Бога и со гледањето да Го познаеме, бидејќи со гревот сме раслабени и од Бога оддалечени. Но милоста Божја ни дала вера во овој живот што може да нè приближи кон Бога и да нè воведе во царството на вечното гледање и знаење во оној живот. О браќа мои, да веруваме во Христа Господа, бидејќи Он знае. Он не зборува според вера, туку според знаењето.

Господи милостив, утврди ја верата во нас. Пружи ни го Твојот скут да бидеме во него до крајот на животот. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

7 ФЕВРУАРИ

1. Св. Партениј еп. Лампсакиски. Син на некој ѓакон од градот Мелитопол. Уште како дете добро ги памтел зборовите на ***Еванѓелието*** и се трудел да ги исполни. Се населил покрај едно езеро каде што ловел риби, ги продавал и им ги делел на сиромасите. По Божја промисла бил избран за епископ Лампсакиски. Го исчистил градот од незнабоштвото, храмовите идолопоклонички ги затворил, многу цркви изградил и го утврдил благочестието. Со молитва лекувал секаква болест, а особено бил силен над лошите духови. Еднаш кога сакал да го изгони лошиот дух од некој безумен човек, лошиот дух го молел да не го изгонува. „Јас ќе ти дадам друг човек, во кого можеш да влезеш и во него да престојуваш", му рекол св. Партениј. Лошиот дух прашал: „Кој е тој човек?" „Јас сум тој човек, му одговорил светителот, влези и престојувај во мене!" Слушнувајќи го тоа, лошиот

дух побегнал како со оган опечен, викајќи: „Како би можел јас да влезам во Божји дом!“ Долго поживеал св. Партениј и на дело ја покажал својата обилна љубов кон Бога и кон луѓето. Се преселил во вечниот покој Христов во IV век.

2. Преп. Лука Еладски. Родум е од Костур. Уште како дете никогаш на сакал да вкуси месо, животот го поминувал во чистота и молитва. Еднаш отишол со житно семе на нива да сее. Но по патот им го раздал на сиромасите поголемиот дел од семето, а помалиот дел, што му преостанал, го посеал. Даде Бог, та од тоа малку семе се собрало поголем род отколку порано од сето семе. Потоа св. Лука избегал од својата мајка вдовица во манастир. Ожалостената мајка усрдно Му се молела на Бога да ѝ ја каже тајната каде се наоѓа нејзиниот син. И Бог ја услишал молитвата на мајката. Игуменот на тој манастир сонувал три ноќи по ред дека некоја жена го напаѓа остро што ѝ го зел синот единец. Тогаш игуменот му наредил на Лука веднаш да отиде кај својата мајка. Лука отишол, се видел со мајка си, но пак се оддалечил од неа, сега неповратно. Се испостувал на таканаречената Јованова Гора. Ноќе Му се молел на Бога, а дење работел во бавчата и на нивата, не заради себе, туку заради сиромасите и посетителите. Тој, пак, се хранел само со јачменов леб. Бог го надарил со дар на чудотворство. Се упокоил мирно во 946 година. Од неговите мошти одвреме–навреме истекува миро.

3. Преп. Мастридија. Живеела во Ерусалим и строго се подвизувала. Некој млад човек се загледал во неа и почнал да ѝ досадува. Да би се спасила и себе и тој млад човек од гревот, св. Мастридија зела во една кошница малку наводнет грав и се оддалечила в пустина. Во пустината поминала 17 години и за сето тоа време, по силата Божја, ниту ѝ снемало грав, ниту фустанот ѝ оветвел. Се упокоила мирно околу 580 година.

4. Илјада и ѓри маченици во Никомидија. Пострадале во времето на Диоклецијан.

РАСУДУВАЊЕ

Свети Исидор Пелусиот зборовите на ***Свешошо џисмо***: „Две жени ќе мелат на рачници: едната ќе се земе, а другата ќе се остави“ (Мт. 24:41), вака ги толкува: многумина се посветуваат на духовниот живот, но со различна за-

мисла: едните искрено и истрајно, а другите лабаво и суетно. Првите ќе се земат во царството Божјо, а вторите ќе се остават. Што значи молитвата за Чашата? И зошто Бог се молел да го одмине чашата на страданието (Мт. 26:42)? Значи, никој не треба да ја бара опасноста, но кога опасноста ќе дојде, христијанинот треба да ја прими и да ја издржи храбро. За петте безумни девојки (Мт. 25.) св. Исидор вели: „Сите тие навистина го чувале девството, но немале други добродетели, а посебно милосрдие“. Само девството не е доволно за влегување во царството Божјо. Не помага девството, ако таа што го има е горделива и себична.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса како сејач, и тоа:

1. како сејач, чие семе полека, но сигурно израстува;
2. како сејач на нова наука, нова сила и нов поредок;
3. како сејач на нова духовна храна со која човечкиот род се храни до крајот на времето.

БЕСЕДА
за тесноградите на кои злострството им е поблиско отколку Божјата љубов

...Но сакаше да Ме убиеше, зашто словото Мое не може да се смести во вас (Јн. 8:37).

Зошто словото Христово не можело да се смести во јудејските старешини? Затоа што тие биле исполнети со злоба, та во нив немало место за божественото семе, за божествената благовест. Сè што растело во нивните души, тоа било сатански посев, антихристовски. Затоа тие гледале да Го убијат Христа. Преку благодатниот псалмопевец Господ говори: „Застанете и разберете дека Јас сум Бог“ (Пс. 45:10). Значи, прво треба да се застане и да се исчисти од сè што е богопротивно, т.е. од сè она што ни пречи во нас да се насели светлината на богопознанието. Кога човекот од тоа ќе се исчисти, тогаш, дури тогаш, може да разбере дека Бог е Бог. А сè додека човечката душа ја исполнуваат богопротивни мисли, чувства и желби, сè дотогаш човекот не може

да ги слуша и да ги прима словата за Бога. Кој, пак, Го нема Бога во себе, тој се труди, според некој пеколен нагон, да Го искорени Бога од душата на оној кој Го има. „Сакате да ме убиете“. Зошто? Затоа што ниедно божествено Христово слово не можело да најде сокровиште ниту прием во нивните безбожни срца. Немајќи ништо слично со Христа Господа, еврејските старешини од самиот почеток не можеле да имаат никаква пријателска врска со Него.

О Господи Исусе, благ Спасителу наш, помогни ни да се исчистиме од сето греовно семе во нас, та Твоето слово да може да се всели во нас, да нè освети, да нè зајакне и да нè воскресне. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

8 ФЕВРУАРИ

1. Св. вмч. Теодор Стратилат. Има маченииштво подрагоцено од драгоценото. Драгоценоста на маченииштвото зависи од големината на богатствата што еден христијанин ќе ги напушти и наместо тоа ќе прими страдање; и зависи уште од големината на страдањата што тој ќе ги поднесе заради Христа. Св. Теодор, римски војвода, во војската на царот Ликиниј, и градоначалник на градот Ираклија, ја презрел и сета младост, и убавина, и чинот војводски, и милоста царска, и наместо сето тоа примил врз себе грозни маки заради Христа. Прво, Теодор бил камшикуван и примил 600 удари по грбот и 500 по стомакот, потоа бил кренат на крст и целиот изрешетен со стрели. Најпосле бил со меч исечен. Зошто сето тоа? Затоа што св. Теодор Го љубел Христа Исуса над сè во светот, затоа што го презрел безумното идолопоклоничко суеверие на царот Ликиниј, па ги искршил идолите од сребро и злато и парчињата од нив ги раздал на сиромасите, затоа што обратил многумина во верата Христова и го повикал и царот Ликиниј да се одрече од идолите и да поверува во единиот жив Бог. За време на сите тие мачења, св. Теодор непрестајно говорел: „Слава Ти, Боже мој, слава Ти!“ Св. Теодор пострадал на 8 февруари 319 година во три часот попладне и се преселил во царството Христово. Тој се смета за заштитник на војниците кои го повикуваат на помош. Неговите чудотворни мошти се пренесени од Евхаита во Цариград и погребани во црквата „Влахерна“.

2. Св. Пророк Захарија. Единаесетти е од помалите пророци. Заедно со пророкот Агеј го побудувал кнезот Зоровавел да го обнови храмот ерусалимски. Го прорекол свеченото влегување Христово во Ерусалим качен на магаренце, младенче од магарица, и Јудиното предавство за триесет сребреници: „И тие Ми одредија плата од триесет сребреници", и бегањето на апостолите од Христа во време на Неговото страдање: „Порази го пастирот и овците ќе се распрснат". Пророкот Захарија се нарекува „Срповидец" затоа што во визија видел срп што слегува од небото да ги покоси неправедните, особено арамиите и хулителите на Името Божјо. Се упокоил во последните години на царувањето на Дариј Хистасп, околу 520 година пред Христа.

3. Св. Сава II архиепископ српски. Син на кралот Стефан Првовенчан и внук на св. Сава I. Пред монашењето, се викал Предислав. Последувајќи му на примерот на својот голем стрико, Предислав се замонашил и ревносно му се предал на подвигот. Избран е за епископ српски по св. Арсениј, под името Сава II. Управувал со црквата со голема предаденост и љубов. Се упокоил во 1268 година. Моштите му лежат во манастирот во Пеќ.

РАСУДУВАЊЕ

Свети Серафим Саровски за очајувањето пишува: „Како што Господ се грижи за нашето спасение, така човекоубиецот ѓавол се труди да го доведе човекот до очајување. Предавникот Јуда бил малодушен и неискусен во борбата, па затоа ѓаволот, гледајќи го во очајување, го нападнал и го принудил да се удави. А Петар, тврдиот камен, паѓајќи во голем грев, како искусен во борбата, не очајувал и не го изгубил присуството на духот, но пролеал горчливи солзи од топлото срце. Кога го видел тоа ѓаволот, побегнал од него како од оган изгорен". „И така, браќа, поучува преподобен Антиох, кога очајанието ќе нè нападне, не треба да му се подадеме, но да нè укрепи и, оградени со светата вера, со голема машкост да му речеме на лукавиот дух: Што имаш ти со нас, отпаднику од Бога, бегалецу од небото и робу лукав? Ти ништо не смееш да ни наштетиш. Христос, Синот Божји, има власт над нас и над сите. А ти, губитнику, оддалечи се од нас! Укрепени со Неговиот чесен крст ние ја толчиме твојата змиска глава".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса како војвода, и тоа:
1. како војвода Кој излегол во борба против сатаната;
2. како војвода Кој излегол во борба против гревот кај луѓето;
3. како војвода Кој го зел во одбрана доброто од злото во светот;
4. како војвода Кој го победил сатаната, гревот и смртта.

БЕСЕДА
за тоа како вистинскиот христијанин ја пресретнува омразата во светот

И ќе бидете намразени од сите заради Моето име... (Лк. 21:17).

Сите кои се сакаат себеси повеќе од Бога, ќе бидат намразени од следбениците на Господа Исуса;

Сите кои го сакаат телото повеќе од душата, ќе бидат намразени од следбениците на Господа Исуса;

Сите кои го сакаат овој свет повеќе отколку вечното Божјо царство, ќе бидат намразени од следбениците на Господа Исуса;

Сите кои го сакаат гревот повеќе од добродетелта, ќе бидат намразени од следбениците на Господа Исуса.

Бројот на тие што Го мразат името Исусово некогаш е поголем, а некогаш помал. Но и колку да е голем нивниот број, не плашете се, браќа, бидејќи бројот на ангелите и на светителите е огромен. Бројот на вашите сродници на небесата, т.е. оние кои Го љубат Господа Исуса го надминува бројот на ѕвездите на небото и на песокот во морето. О не плашете се, со вас е Христос, а тоа значи дека вие сте секогаш посилни од оние што ве мразат. Кога најсилниот е со вас, вие секогаш сте помногубројни, бидејќи секогаш сте посилни од секаков број на вашите непријатели.

О Господи Исусе, Господи Сесилен, биди секогаш со нас и помогни ни и нам секогаш неотстапно да бидеме со Тебе. На Тебе слава и вечна пофала. Амин.

9 ФЕВРУАРИ

1. Св. мч. Никифор. Житието на овој маченик покажува јасно како Бог ја отфрла свирепоста и со слава ја овенчува смиреноста и братољубието. Во Антиохија живееле двајца блиски пријатели, учениот свештеник Саприкиј и обичниот, прост граѓанин Никифор. Нивното пријателство некако се свртило во страшна меѓусебна омраза. Богобојазливиот Никифор се обидувал повеќе пати да се помири со свештеникот, но овој тоа никако не го сакал. Кога настанало гонење на христијаните, свештеникот Саприкиј бил осуден на смрт и изведен на губилиште. Ожалостениот Никифор тргнал по Саприкија, молејќи го по пат, барем пред смртта да му опрости и во мир да се разделат. „Те молам, маченику Христов, говорел Никифор, прости ми, ако ти згрешив нешто!“ Саприкиј не сакал ни да се сврти кон својот соперник, туку мирно и горделиво чекорел кон смртта. Но, гледајќи ја тврдокорноста на срцето свештениково, Бог не сакал да му ја прими маченичката жртва и да го овенча со венец, туку тајно му ја одзел благодатта. И во последниот момент Саприкиј пред џелатите се одрекол од Христа и изјавил дека ќе им се поклони на идолите. Така бил ослепен од омраза! Никифор го преколнувал Саприкија да не се одрекува од Христа. „О брате возљубен, не прави го тоа, не одрекувај се од нашиот Господ Исус Христос, не губи го венецот небесен!“ Но сè било залудно. Саприкиј останал при своето. Тогаш Никифор им извикал на џелатите: „И јас сум христијанин, исечете ме мене наместо Саприкија!“ Џелатите ова му го јавиле на судијата и тој им наредил да го пуштат Саприкија, а да го исечат Никифора. Радосно Никифор ја ставил својата глава на трупот и бил исечен. Така се удостоил за Царството и бил овенчан со бесмртниот венец на славата. Ова се случило во 260 година, во времето на царот Галиен.

2. Свешт-мч. Петар Дамаскин. За овој светител едни мислат дека живеел во VIII, а други во XII век. Оваа различност во мислењата доаѓа, секако, оттаму што имало двајца Петар Дамаскин. Овој, за кого станува збор, бил голем

подвижник. Несебичен до крајност, тој немал ни една своја книга, туку позајмувал и читал. А читал неуморно, собирајќи мудрост како пчелата мед. Некое време бил епископ во Дамаск, но бидејќи говорел против мухамеданството и манихејската ерес, Арапите му го пресекле јазикот и го испратиле длабоко во Арабија, во ропство. Но Бог му дал сила на говор, та и во ропството го проповедал ***Евангелието*** и многумина обратил во верата Христова. Составил и им оставил на потомците една драгоцена книга за духовниот живот. Завршил како исповедник и маченик и се преселил во Царството Христово.

РАСУДУВАЊЕ

Св. Петар Дамаскин пишува за општите и за посебните Божји дарови, па вели: „Општите дарови се четирите стихии и сѐ што бидува од нив, како и сите чудни и страшни дела Божји, изложени во божественото писмо. А посебните се оние што Бог му ги дал на секој човек поединечно: било богатството заради милосрдие, било сиромаштијата заради трпение со благодарност; било власта заради правосудство и утврдување на добродетелите или потчинетоста и робувањето заради брзото спасение на душата; било здравјето заради помош на немоќните или болеста заради венецот на трпението; било разумот и вештината во добивањето на добродетели или немоќта и незнаењето заради покорното смирение... Сето тоа, иако изгледа спротивно едно на друго, сепак, според намената, сѐ е добро“. Во заклучокот вели дека сме должни да Му благодариме на Бога за сите дарови, а со трпение и надеж да ги поднесуваме сите маки и зла. Бидејќи сѐ што ни дава или ни допушта Бог, ни користи за нашето спасение.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцувам Господа Исуса како извор на радост, и тоа:

1. во маките на животот, што само Он може да ги замени со радост;
2. во ропството на страстите, што само Он може да го замени со радост на слободата;
3. во смртта, од која само Он може да нѐ воскресне.

БЕСЕДА
за зборовите Божји што се посилни од смртта

Кој ќе ги запази зборовите Мои,
смрт нема да види довека (Јн. 8:52).

Ако во собата гори свеќа, темнина нема да има додека таа гори и свети. Ако јадењето се посоли, ќе се сочува од расипливост. Ако некој го чува зборот Божји во својата душа, тој ги чува и солта и светлината и во него ќе има живот. Таквата душа нема да потемне во овој живот, ниту ќе вкуси гнилежна смрт.

Кој го чува Христовиот збор во себе, него го варди зборот Христов; го поддржува однатре, го храни, осветлува и оживува. Макар да е тој во телото или надвор од него, тој се чувствува подеднакво жив од зборот Христов. Смртта може да му ја оддели душата од телото, но не и од Христа, т.е од вечниот живот што не умира. Смртта на телото ќе му даде на неговата живоносна душа само послободен полет во прегратките на саканиот Христос животодавецот.

Но што значи, браќа, да се чува зборот Христов во себе? Тоа значи: прво, во својот ум да се чува, мислејќи на него; второ, да се чува во своето срце, сакајќи го; трето, да се чува во својата волја, исполнувајќи го на дело и четврто, да се чува и со јазикот, исповедувајќи го јавно кога е потребно за тоа. Со еден збор, да се чува зборот Христов, значи да се исполниме со него и да го исполнуваме. Кој така ќе го чува зборот Христов, навистина нема да вкуси смрт довека.

О Господи наш, Господи силен, посилен од смртта, дарувај ни сила и разум да го запазиме Твојот свет збор до крајот. Да не вкусиме смрт и смртта да не нè вкуси нас, да не се допре гнилежот до нашата душа. Биди ни милостив, Господи семилостив. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

10 ФЕВРУАРИ

1. Свешт-мч. Харалампиј. Овој голем светител бил епископ во Магнезија и пострадал за Христа во својата 113. година. Кога настанало страшното гонење на христијаните

во времето на царот Септимиј Север, старецот Харалампиј не се криел од гонителите, туку слободно и јавно ја проповедал Христовата вера. Сите маки ги претрпел како во туѓо тело. А кога од него жив кожата му ја одрале, незлобивиот светија им рекол на царските војници: „Ви благодарам, браќа, за тоа што, истругувајќи го моето старо тело, вие го обновивте мојот дух за новиот, вечен живот“. Многубројни чуда направил и многумина во верата обратил. Дури и царевата ќерка Галина го напуштила незнабоштвото на својот татко и постанала христијанка. Осуден на смрт и изведен на губилиштето, св. Харалампиј ги кренал рацете кон небото и Му се помолил на Бога за сите луѓе, Бог да им даде телесно здравје и душевно спасение и да им ги умножи плодовите земни. „Господи, Ти знаеш дека луѓето се месо и крв; прости им ги гревовите и излеј ја благодатта Своја врз сите!" По молитвата, овој свет старец Му ја предал душата своја на Бога, пред џелатот да го спушти мечот врз неговиот врат. Пострадал во 202 година. Неговото тело го зела Галина и чесно го погребала.

2. Преп. Прохор Лободник. Чудотворец Печерски. Наречен е **Лободник** затоа што за сето време на живеење во Печерскиот манастир не вкусил леб, туку се хранел со лобода, месејќи ја на свој начин и правејќи некаков леб од неа. Кога тој ќе му дадел на некого од својот лободен леб со благослов, лебот станувал сладок како мед, а кога некој ќе му го украдел, станувал горчлив како пелин. Едно време кога снемало сол во Русија, Прохор му раздавал пепел на народот како сол. Пепелта што ја раздавал со благослов, станувала сол; пепелта, пак, што некој сам ќе ја земел, останувала обична пепел. Кнезот Светополк наредил, та во неговиот дворец ја пренесле сета пепел од Прохоровата ќелија, без прашање и благослов од монахот. Но кога пепелта била пренесена, оние кои ја вкусиле се увериле дека тоа е пепел, а не сол. Тогаш Прохор му рекол на народот што доаѓал кај него по сол, да одат сите во дворецот на кнезот, па кога кнезот ќе ја исфрли пепелта од својата кука, тие нека земат и нека ја носат како сол. Народот така и направил, и пак пепелта постанала сол. Уверувајќи се во ова и самиот кнез, се исполнил со почитување и љубов кон свети Прохор, та, кога овој умрел во 1107 година, тој со своите раце го положил во гробот покрај големите руски светители Антониј и Теодосиј.

РАСУДУВАЊЕ

Повеќето тешки маки што еден човек ќе го снајдат имаат своја причина, позната или непозната, во неговото минато. Причините, пак, на тие тешки маки, да речеме како безумието, не се друго туку повредување на моралниот Божји закон. Кога св. Харалампиј бил мачен, царот мачител дознал за неговата чудотворна моќ, па наредил да донесат пред него некој човек мачен од бесови за да се увери дали Харалампиј може да го излекува. Тој човек бил мачен од ѓаволот цели 35 години, гонејќи го по пустите места и ридиштата, фрлајќи го во калта или во дупките. Кога тој безумник се приближил до Харалампиј, демонот го осетил благородниот мирис од светиот човек, па извикал: „Ти се молам, слуго Божји, не мачи ме предвреме, но нареди ми и јас ќе излезам; а ако сакаш, јас ќе ти кажам како влегов во тој човек". И светијата му наредил да каже. Демонот рекол: „Овој човек сакаше да украде од својот сосед, па си помисли во себе: ако првин не го убијам човекот, не ќе можам да го приграбам неговото богатство. И отишол и го убил својот сосед. Кога го затекнав во такво дело, јас влегов во него и еве веќе 35 години живеам во него". Кога го слушнал тоа светителот Божји, му наредил на демонот веднаш да излезе од човекот и да го остави на мира. Демонот излегол, а измачуваниот од бес постанал здрав и мирен.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса како убавина на сиот создаден свет, и тоа:

1. како убавина на сите работи, присутна од стравот и меланхолијата на гревот;
2. како убавина на луѓето, најразумните созданија во светот, убавина присутна од стравот и меланхолијата на гревот;
3. како убавина на чистоумниот, бестелесен свет на ангелите;
4. како убавина на Светата Троица пројавена преку Него и низ Него.

БЕСЕДА
за гревот на оние кои тврдат дека гледаат

Да бевше слепи, грев немаше да имате... (Јн. 9:41)

Овие зборови на Евреите им ги рекол Оној Кој им го дал законот преку пророците да им служи како видело на душата. Евреите го примиле тоа видело, но замижале намерно и злобно. Затоа праведниот Господ им ги кажал овие зборови.

Овие зборови се вистинска правда, и тогаш, и денес, и засекогаш, бидејќи слепецот нема грев, ако зачекори во туѓата нива или земе туѓа облека наместо својата. Ако, пак, тоа го направи оној што има очи, ќе направи грев и ќе прими осуда. Ако тоа го прави оној кој има очи, но ги затвори намерно и тој ќе направи грев и ќе прими осуда.

Што да се каже, пак, за оние кои ги примиле крштавањето и миропомазанието како две очи на душата, па сепак грешат како некрстени? На последниот суд со нив нема да се постапува како со слепородени, тука како престапници, кои самите себеси се казниле, самите себеси се ослепиле.

А, пак, што да се каже дури и за оние кои ги примиле и останатите благодатни тајни во православна полнота, и кои пред себе имаат пример на светителите, и кои непрестајно го слушаат укорувањето и опомената на Божјата Црква, па сепак одат ли одат по грешен пат? На последниот суд таквите нема да се оправдаат со никакво слепило, туку ќе бидат судени како престапници, кои самите себеси, и на другите околу себе, со слепило се казниле.

Господи страшен, спаси нè од гревот. Господи милостив, отвори ни ги очите за патот на спасението. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

11 ФЕВРУАРИ

1. Свешт-мч. Власиј. Родум е од областа Кападокиска. Богобојазлив и кроток од раното детство. Поради своите големи добродетели, бил избран за епископ на градот Севастија. Власиј бил големо духовно и морално светило во тој незнабожечки град. Во времето на тешкото гонење на

христијаните, св. Власиј ја храбрел својата паства и ги посетувал маченициите Христови во самиците, меѓу кои особено истакнат бил славниот Евстратиј. Кога градот Севастија останал сосема без христијани – едни изгинале, други избегале – тогаш старецот Власиј се повлекол во планината Аргеос и таму се населил во една пештера. Дивите ѕверови, познавајќи го светиот човек, се прибрале околу него и тој нежно ги милувал. Но гонителите го нашле светителот во тоа скриено место и го одвеле на суд. По патот св. Власиј исцелил едно момче на кое му застанала коска во грлото; и на жалбата на некоја бедна вдовица дека волк ѝ зел едно прасе, направил со силата на својата молитва волкот да ѝ го врати прасето на вдовицата. Мрачните судии жестоко го мачеле, го биеле и го стружеле. Со својата непоколебливост во верата Христова, св. Власиј обратил мноштво незнабожци. Седум жени и две деца самувале заедно со него. Жените биле прво исечени, потоа и прекрасниот Власиј со оние две деца. Пострадал и се прославил во 316 година. Народот му се моли на св. Власиј за напредок на домашниот добиток и за заштита од ѕверови. На Запад, пак, му се молат уште и против болки во грлото.

2. Св. мч. Георгиј Кратовски. По потекло е Македонец, од градот Кратово. Младиот Георгиј по занает бил златар, а по срцето и душата уверен и богомолитвен христијанин. Имал само 18 години кога Турците сакале да го потурчат. Но Георгиј останал во верата тврд како дијамант. Тогаш Турците го мачеле со многу страшни маки и најпосле жив го запалиле на клада. Пострадал за убавата Христова вера на 11 февруари 1515 година во Софија, за време на султанот Селим и се прославил со слава неувенлива на небесата.

3. Св. Теодора е грчка царица, сопруга на злобниот цар Теофил, иконоборецот. По смртта на Теофил, Теодора се зацарила со својот син Михаил III. Веднаш го воспоставил почитувањето на иконите на соборот во Цариград во 842 година. Во таа прилика е востановено празнувањето на победата на православието кое до ден денешен се прави во првата седмица на Чесниот Пост. Оваа света и за Црквата заслужна жена, Му ја предала својата душа на Бога на 11 февруари 867 година. Во тоа време на потполното торжество на православието над сите ереси, по Божјата прекрасна промисла, биле испратени светите Кирил и Методиј како христијански мисионери помеѓу Словените.

РАСУДУВАЊЕ

Материјата не е лоша самата по себе, како што учеле некои христијански еретици (манихејците) и некои филозофи. Не само што таа не е лоша, туку не е ни единствен пренесувач на злото, т.е. колку што е таа лоша, толку е и духот. Сета материјална твар е меланхолична и плашлива поради човековиот грев, но не е зла. Материјата е гнилежна, слаба и ништожна во споредба со бесмртниот дух, но таа сама по себе не е лоша. Ако е лоша, зар Господ Исус Христос би го востановил причестувањето со леб и вино и зарем лебот и виното би ги нарекол Свое тело и Своја крв? Материјата да е сама по себе лоша, како тогаш луѓето би се крштавале во вода? Како апостолот Јаков би заповедал болните да се помажуваат со масло? Како осветената водица би останувала надвор од расипување и како би имала чудотворно дејство? Како крстот би имал сила? Како Христовата облека би ја пронесла силата на Спасителот од која се излекувала крвоточната жена? Како моштите на светителите и иконите би биле толку чудотоврни и како би правеле толку добрини на луѓето преку царството на благодатта? Како би можело да дојде доброто кај луѓето преку злото? Не, не, материјата сама по себе не е лоша.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса како добар трговец Кој дошол во светот како на пазар, да даде и да земе, и тоа:

1. да го даде Својот труд за да прими многубројни плодови на радост од тој труд;
2. да даде Себеси да се понижи, поплука, испотепа, изгребе, избоде, распне, во Својата вечна слава за да би ги вовел војската на своите верни;
3. да Го даде Свето тело за да избави безбројни души.

БЕСЕДА
за расудување по телото и по духот

Вие судиѿе ӣо ѿелоѿо
(Јн. 8:15).

Така им рекол Сезнајниот Господ на Евреите: „Вие судите по тело“, бидејќи тие фатиле во прељуба една жена и сакале да ја каменуваат заради телесниот грев. Но Господ ја согледал душата на жената и видел дека таа сè уште може да се спаси и да се исправи, ја навел на покајание и ја отпуштил зашто, иако со дело направила прељуба, сепак нејзината душа не била целата прељубна. Прељубниот грев фарисеите сепак непрестајно го носеле во своето срце, но тие тоа вешто го криеле и не го осудувале, а само го осудувале единственото телесно дело кај оние кои во тоа ќе се фатат.

Духовните луѓе судат според духот, а телесните според телото. И во денешни дни, Евреите, кои се расеани по целиот свет, никако не можат да научат духовно да мислат и да судат, туку секогаш мислат и судат само телесно само според надворешноста, според одредбите на законот напишан на хартија или во природата – но никако според духот. Бидејќи кога би се научиле да ги судат луѓето и делата според духот, тие веднаш би Го признале Господа Исуса како Месија и Спасител.

Да се вардиме и ние, христијаните, да не судиме само според телото. Да се вардиме за да не избрзаме да го осудиме оној кој заради невештина ќе се впушти во недело, ниту да го пофалиме оној кој со својата вештина се одржува пред луѓето, а со срцето е веќе целиот во безднатa на гревот. Да се вардиме од заблуда, та луѓето и природата да ги судиме според чувствените впечатоци и да се трудиме сè со духот да просудуваме духовно. Ете, ние сме деца на духот и на светлината бидејќи сме крстени.

Господи Исусе, учи нè и раководи нè да мислиме и да не судиме по тело туку по дух. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

12 ФЕВРУАРИ

1. Св. Мелетиј архиеп. Антиохиски. Овој голем и свет маж бил извонреден толкувач и заштитник на православието. Сиот негов живот бил посветен на борбата против Ариевата ерес, која не Го признавала Синот Божји за Бог и хулела на Светата Троица. Трипати бил оддалечуван од својот архиепископски трон од еретиците и прогонет во Ерменија. Борбата помеѓу православните и еретиците се водела толку жестоко што еднаш кога св. Мелетиј во црквата му говорел на народот за Божествената Троица во едно, неговиот сопствен ѓакон, еретик, притрчал и со раката му ја затворил устата. Не можејќи да беседи, Мелетиј беседел со знаци. Имено, тој ја кренал својата рака високо, отворил прво три прста и му ги покажал на народот, потоа ја затворил раката и кренал еден прст. Учествувал на II вселенски собор каде што царот Теодосиј му укажал особена чест. На тој собор Бог пројавил чудо преку овој Свој архијереј. Имено, кога св. Мелетиј им ја докажувал на ариевците догмата за Св. Троица, тој прво кренал три прста, оддвоено еден по еден, па потоа ги склопил во едно и во тој миг се покажала светлина како молња од неговата рака пред сите присутни. На тој собор, св. Мелетиј го утврдил Григориј Богослов на цариградскиот престол. Порано, пак, тој го заѓаконил Василиј Велики и го крстил Јована Златоуст. По завршувањето на соборот, св. Мелетиј го завршил својот земен живот во Цариград. Неговите мошти се пренесени во Антиохија.

2. Св. Алексеј митрополит Московски. Голем јерарх е на руската црква во тешкото време на робувањето на рускиот народ под Татарите. Еднаш во детството ловел птици, па заспал и во сонот чул глас: „Алексеј, зошто се трудиш залудно? Јас тебе ќе те направам ловец на луѓе". Во својата 20. година се замонашил и со време станал митрополит Московски. Двапати одел во „златната орда" татарска; првиот пат да го ублажи гневот на ханот Вердевир против рускиот народ, а вториот пат по повикот на ханот Амурат да му ја исцели жената од слепило. Три години таа жена била слепа, но оздравела и прогледала кога св. Алексеј ѝ прочитал молитва и ја помажал со осветена вода. По тешкиот и многуплоден живот, се упокоил во 1378 год. во својата 85. година и се преселил во дворовите Господови.

3. Преп. Марија. Девојка со машка одважност. По смртта на нејзината мајка, татко ѝ посакал да се замонаши. Но Марија не сакала да се раздвојува од својот татко, та по договор, обајцата се упатиле во еден машки манастир, и тоа: Марија со истрижена коса и во машка облека, како момче. Таткото умрел, а Марија се замонашила како машко и го добила името Марин. Во близината на манастирот имало гостилница. Ќерката на гостилничарот се загледала во божемниот монах Марин. По неуспешното кокетирање, го оптужила Марина за незаконски однос со неа, бидејќи таа со некој друг зачнала и родила син. Марија не се бранела, па затоа била изгонета со понижување од манастирот. Со туѓо дете во рацете таа проживеала во долината крај манастирот три години, поднесувајќи: и глад, и мраз, и секоја мака и оскудност. Во тоа време ќерката на гостилничарот полудела, а наскоро потоа и Марија умрела. Дури по смртта се дознало дека „монахот Марин“ бил женско. Лудата ќерка на меанџијата, пак, штом се допрела до моштите на св. Марија, оздравела и потоа го признала својот страшен грев. Св. Марија се упокоила и се преселила во бесмртната радост во 508 година.

4. Св. Антониј патријарх Цариградски. Прво бил голем подвижник со необично милосрдие, а потоа станал патријарх во времето на царот Лав Мудриот (889 – 912). Го замонашил и својот татко. Построил манастир над моштите на света Калија.

5. Св. Калија. Штедри раце имала кон бедните од чисто христијанско милосрдие, и како девојка, и подоцна, како омажена жена. Нејзиниот маж бил богат, но скржав. Враќајќи се еднаш од својот службен пат, тој видел дека жената го раздавала неговото богатство на сиромаси, па ја убил. Но Бог ја прославил оваа милосрдна душа на тој начин што од нејзините мошти се исцелиле мнозина болни. Уверувајќи се во тоа, св. патријарх Антониј подигнал манастир над нејзините мошти.

РАСУДУВАЊЕ

Свети Јован Златоуст наведува еден пример од животот на св. Мелетиј со кој ја покажува големата племенитост на овој патријарх. „Би било неправедно да се пропушти она што се случило при самото прогонство (на Мелетиј од Ан-

тиохија). Кога градоначалникот седнал во колата и до себе го поставил светителот, започнал брзо да вози низ пазарот, граѓаните ја засипале неговата глава од сите страни со камења како со град, бидејќи не можеле лесно да се разделат од својот архијереј и биле решени побрзо да се разделат од животот отколку од овој светител. Но што направил овој блажен маж? Гледајќи ги камењата како летаат, со својата наметка ја покрил главата на началникот. Така, со својата преголема кроткост тој го засрамил својот непријател, а на своите следбеници со тоа им дал поука каква незлобивост треба да се покажува кон оние кои нè навредуваат; како да не се прават никакви зла, туку со сета сила треба да ја отклонуваме од нив опасноста што ги демне“. За самиот надворешен изглед на Мелетиј св. Јован Златоуст понатаму вели: „Навистина најголема наслада е да се види неговото свето лице. Не само кога учел или говорел, туку кога луѓето просто гледале во него, тој бил во состојба да внесе во душата на присутниот секаква добродетел“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса како испосник, и тоа:

1. како постел не за да Го скроти Своето пречисто тело туку за да ни даде пример на нас;
2. како постел заради мене;
3. како јас треба да постам заради моето спасение и заради Неговата љубов.

БЕСЕДА
за чудната посета на Синот Божји

Излегов од Отецот и дојдов во светот; сега пак го оставам светот и одам при Отецот (Јн. 16:28).

Овие зборови, браќа, се од судбоносна важност за нас. Бидејќи најважно од сè на овој свет е да се знае: дали има Бог и дали има живот после смртта? Овие зборови се подрагоцени од сиот бисер во светот, од Сонцето и ѕвезди-

те, бидејќи тие зборови ги изговорил Оној Кој е најсигурен и највистински сведок. Навистина, овие зборови се извор на најголема радост за нас, задлабочени во очајание и во смрт по очајувањето. Тие сведочат дека има Бог и живот по смртта. Излегов од Отецот – тоа пред сè значи: дека постои Бог од Кого Господ Исус излегол. И одам кај Отецот – и тоа значи дека постои Бог Отец кај Кого Синот Божји се враќа. И овие два збора во исто време значат дека постои вечен живот, дека смртта не го означува нашето уништување. Овие зборови Господ ги изговорил пред самата Своја смрт.

О слатка и чудесна благовест! Она што срцето на сите луѓе и на сите племиња низ сите векови потајно го претчувствувало, Господ го посведочил како факт, како вистина.

Овие зборови уште го потврдуваат единството на Отецот и Синот и божеството на Господа и Спасителот наш. Бог нè посетил, браќа мои, Севишниот Бог, свет, крепок и бесмртен Бог. Тоа е врв на нашата утеха и на нашата радост.

О Господи Исусе, Сине Божји, сведоку на вистината, на сето добро по кое нашите срца деноноќно копнеат, освети нè, укрепи нè и обесмрти нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

13 ФЕВРУАРИ

1. Преп. Симеон Мироточив – Стефан Немања, голем владетел на српскиот народ, обединител на српските земји, творец на независната српска држава, бранител на православието, истребувач на ересите. Бил крстен во латинската црква, но подоцна се ослободил од таа црква и станал член на православната Црква. Во почетокот, во државен поглед, зависел од Грците, но подоцна се ослободил од таа зависност и постанал потполно самостоен. Кога ја утврдил државата и православната вера во државата, по примерот на својот син Сава, примил монашки чин во манастирот Студеница во 1195 година, добивајќи го името Симеон. Неговата жена Ана, исто така, примила монашки чин, го добила името Анастасија и се повлекла во женски манастир. По две години инокување во Студеница, Симеон отишол во Света Гора. Таму се населил прво во манастирот „Ватопед“, заедно со Сава. Таткото и синот ги поминувале деновите и ноќите во молитва. Тука изградиле шест параклиси посветени на

Спасителот, на бесребрениците, на св. Георгиј, на св. Теодор, на Претечата и на св. Никола. Ја купиле урнатината на Хилендар и соѕидале прекрасен манастир, во кој Симеон поживеал само осум месеци и го завршил животот. Кога бил на издивнување Сава, по негова желба, го положил на проста рогозина. Со очите насочени во иконата на Богомајката и Спасителот, блажениот старец ги изустил овие зборови: „Сè што дише, да го фали Господа!" И се преселил при Господа на 13 февруари 1200 година.

2. Преп. Мартинијан. Убаво е и преубаво житието на овој светител. Вреди да се прочита целосно. Што сè не претрпел тој, само да ги исполни заповедите Господови! Во 18. година се оддалечил во планина, викана Ковчежна, во Кападокија и таму поминал 25 години во пост, бдение, молитва и борба со многу искушенија. Кога една жена дошла да го искушува, видел дека ќе падне во грев со неа, скокнал бос во огнот и постојал во него сè додека болката не му пуштила солзи од очите и не ја убил во него секоја желба. Кога настанале други искушенија, тој побегнал на некоја осамена карпа во морето и таму живеел. Но кога, при некој бродолом, и на таа карпа испливала некоја жена, скокнал во морето да се удави, но делфините го дочекале на грб и го изнесле на брегот по Божјата промисла. Тогаш се решил никаде повеќе да не се населува постојано, туку непрестајно да патува. И така, за две години поминал 164 града, исправајќи ги и советувајќи ги луѓето. Најпосле стасал во Атина, каде што и завршил во 422 година.

3. Св. Зоа и Фотинија. Зоа прво била развратница и искушувателка на св. Мартинијан, па кога го видела овој испосник кајшто скокнал во оган да го убие во себе секое посакување, таа горко се покајала, отишла во еден манастир во Витлеем каде, како испосничка и затвореничка, јуначки се подвизувала. Кога се покајала за сите свои гревови, таа добила од Бога дар на чудотворство. Св. Фотинија бурата морска ја исфрлила на островот, на кој св. Мартинијан се осамил. Мартинијан веднаш се оддалечил од островот, а Фотинија завршила тука во пост и молитва.

РАСУДУВАЊЕ

Големиот Стефан Немања, чиј владетелски збор го слушал секој, од кого се плашеле народи и цареви, постану-

вајќи монах, им служел на монасите со светогорски пример на кроткост, смиреност, добрина и молитвеност. И неговата смрт била смрт на еден вистински Божји човек и духовник. Паднал на постела на 7 февруари. Тој го повикал св. Сава, ги положил своите раце на него и го благословил, велејќи: „Чедо мое возљубено, светлино на моите очи, утехо и чувару на мојата старост! Еве дојде времето на нашата разделба, Господ ме отпушта со мир. Но ти не растажувај се, чедо, заради разделбата. Тоа е општа чаша за сите и за секого; тука ние се разделуваме, но ќе се собереме таму каде што повеќе нема разделби“. На 12 февруари св. Симеон му наредил на Сава да го облече во посмртна мантија, да му простре рогозина на земјата, да му стави камен под главата и така да го положи. Тогаш ги повикал сите монаси со него да се простат. На разденувањето на 13 февруари, кога монасите го пееле утреното правило во црквата, а нивните гласови допирале до ќелијата на смртникот, на св. Симеон уште еднаш му засветлило лицето и тој ја предал својата душа на Бога.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса како Божјо јагне, и тоа:

1. како јагне родено во одајата на јагнињата;
2. како јагне гонето од луѓе со волчја природа, како Ирод и други;
3. како жртвено јагне Кое трпеливо ги поднесло маките и смртта;
4. како победоносно јагне Божјо на небесниот престол.

БЕСЕДА
за љубовта над секоја љубов

Кој милува таткo или мајка повеќе од Мене, не е достоен за Мене (Мт. 10:37).

Целото ***Евангелие*** учи дека треба да се остави помалото заради поголемото, минливото заради неминливото, лошото заради доброто, евтиното заради драгоценото. Кога

Евангелието не би ветувало поголеми вредности, тогаш кој би го оставил помалото? Кога не би го откривало сјајот на драгоценото благо, кој би ги напуштил поевтините блага? Кој би го оставил медот и млекото, ако не нашол нешто поблаго? Кој би ги оставил таткото и мајката, ако не нашол некој посроден? Кој би ги напуштил децата и пријателите, ако не запознал некој помил? Кој доброволно би го предал овој живот на мачење и смрт, ако не го предосетил бесмртниот живот? Господ Исус е посладок од медот и млекото; Он ни е поблизок роднина од нашиот татко и мајката; помил ни е од децата и пријателите; подрагоцен е од сите видливи блага, поскап од овој живот, бидејќи дарува бесмртен живот. Сè во светот е полошо од Него, помало, погорчливо, послабо, поевтино и поминливо од Него. Кој ќе Го прими Него, полесно е сè да остави, сè затоа што примил сè најдобро и најубаво.

О Господи, Исусе, ризницо на сите неминливи блага, помогни ни да се ослободиме од сè и да се приљубиме кон Тебе, животу наш и наше добро. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

14 ФЕВРУАРИ

1. Преп. Авксентиј. Бил мошне угледен властелин во Цариград меѓу властелините и дворјаните на царот Теодосиј Помладиот. Загреан со љубовта Христова, Авксентиј се замонашил и уште малку време престојувал во Цариград. Кога почнале де се зборуваат пофалби за него, побегнал од човечките пофалби и се населил во една гора близу до Халкидон, која потоа била наречена „Авксентиева Гора“. Не му се остварила желбата тука да остане засекогаш скриен од луѓето зашто овчарите го нашле и разгласиле. Почнале да доведуваат болни кај него на исцеление и тој исцелил мнозина. На слеп му го повратил видот, лепрозни исчистил помажувајќи ги со елеј; така и фатениот го подигнал, и многумина демонизирани ги ослободил од демоните. Сето тоа е за восхитување, но неговата смиреност е за уште поголемо восхитување. Кога и да го молеле некого да исцели, тој се бранел со зборовите: „И јас сум грешен човек!“ Но принуден со многуте молби, тој му пристапувал на исцелението на следниве начини: или ги повикувал сите присутни заедно со него да Му се помолат на Бога за болниот, или прво ја утвр-

дувал верата во луѓето, па тогаш им говорел дека Бог ќе им даде според верата, или говорел над главата на болниот: „Те исцелува Господ Исус Христос!“ Сето тоа го правел само чудотворството да не му се препише нему, туку на Бога Семоќниот. Учествувал на IV вселенски собор во Халкидон и силно го штител православието од евтихиевата и несториевата ерес. Во длабока старост Господ ја зел неговата млада душа при Себе, а старото тело останало во земјата, од која било и создадено во 470 година.

2. Преп. Исакиј, затвореник печерски. Живеел во времето на светите Антониј и Теодосиј. Дошол во манастир како богат трговец. Оставил сè и им го разделил на сиромасите, а тој се предал на најстрогиот подвиг во заѕидана ќелија. Самиот св. Антониј низ отвор му подавал по една просфора, и тоа секој втор ден. Прелажен од демоните, кои му се јавиле во ангелска светлина, тој им се поклонил, па потоа и на самиот сатана, верувајќи дека тоа е Христос. Од тоа се разболел, одлежал две години, по што оздравел и постанал внимателен и искусен подвижник, поради што пред крајот му било дадено обилна благодат. Се упокоил во 1090 година.

РАСУДУВАЊЕ

Зошто луѓето оставаат едно место и се селат на друго? Главно, затоа што се надеваат дека ќе бидат посреќни на другото место. И навистина, од гледиште на световниот живот и задоволствата, местата можат да бидат различни, подобри или полоши. Којшто не се надева на подобар живот по смртта, тој бара подобра чувствена паша во овој живот. Но ако го слушнеме срцето на оние луѓе кои можеле и умееле да живеат на таканаречените најдобри места на Земјината топка, ќе забележиме незадоволство, тага и очај. Не го нашле тоа што го барале. Јаделе до презаситеност на секое место и најпосле гладни ја гледале смртта в очи.

А погледни ги христијанските светители! Тие ги избирале местата со најмала световна паша, места „суви, непроодни и безводни“, осамени и страшни што најмалку привлекуваат внимание и за кои никој не се расправа. Сите места на Земјата тие ги сметале за безвредни, но овие ги избирале за полесно да се приближат со духот и умот свој кон

бесмртната своја татковина. И ако некој го начуе нивното срце, би забележал радост и задоволство.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса како родител Кој плаче во пустината за своите деца, повикувајќи ги и собирајќи ги, и тоа:

1. деца на народот израилски (во тоа време);
2. деца на сите народи на Земјата;
3. деца на сите времиња и созданија до крајот.

БЕСЕДА
за обратните вредности во Божјото царство

И множина први ќе бидат последни, а последните први (Мт. 19:30; Лк. 13:30).

Колку е премудар Оној Кој ги изрекол овие зборови! Он не рекол дека сите први ќе бидат последни, а сите последни први, туку множина. Ниедна грешка нема во ***Евангелието*** и никаде нема никакво преувеличување.

Зошто Господ ограничил и не рекол „сите“, туку „множина“?. Искуството нè учи дека некои од оние кои биле први во чест на земјата, останале први во чест и кај Бога. Имало цареви кои од својот престол Му угодиле на Бога. Имало многу богати кои со добротворството и верата се спасиле, а имало и сиромаси кои поради злобата и неверувањето примиле осуда. Имало учени луѓе кои ги одржале верата и добродетелта. И така, некои кои биле овде први, останале први и таму, а некои кои се последни овде, останале последни и таму.

Но множина први овде постанале последни таму. И, о радост, о правда Божја: множина последни овде, постанале први таму!

Господ ниту нагласувал ниту пофалувал било кој сталеж, ниеден занает, покрај останатите, туку регрутирал (и ден–денешен регрутира) војска на светлината од сите сталежи, од сите занаети и занимања. За Него не е мерило за

човекот ни круната, ни торбата на просјакот, туку верата – верата и добродетелта.

Господи премудар, сети се и на нас во Твоето царство. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

15 ФЕВРУАРИ

1. Св. апостол Онисим. Еден е од седумдесетте. Бил роб на Филимон, угледен и богат човек во градот Колосај, во Фригија, но му погрешил нешто на својот господар и побегнал во Рим каде што го слушнал ***Евангелието*** од апостолот Павле и се крстил. Бидејќи апостол Павле и Филимона порано го привел во вистинската вера, ги помирил овие двајца, Филимона и Онисима, господарот и робот, напишувајќи посебно послание до Филимон, едно од најтрогателните пишувани состави што воопшто постојат во ***Светото писмо***. „Те молам, за моето чедо Онисим, што го родив во своите окови... Зашто, можеби, тој поради тоа се одвои од тебе за малку време за да го примиш засекогаш, не веќе како роб, а повеќе од роб, како возљубен брат", му пишува апостолот на Филимона. Трогнат од ова писмо, Филимон навистина го примил Онисима како брат, ослободувајќи го од робувањето. Подоцна Онисим бил поставен за епископ од самите апостоли и ја примил Ефеската столица по смртта на апостол Тимотеј. Тоа се гледа од посланието на св. Игнатиј Богоносец. Во времето на Трајановото гонење на христијаните, Онисим веќе како старец бил уапсен и доведен во Рим. Таму одговарал пред судијата Тертул, самувал и на крајот бил искасапен. Неговото тело го зела некоја богата жена, го ставила во сребрен ковчег и чесно го погребала во 109 година.

2. Преп. Евсевиј е сириски пустиник. Најпрво се подвизувал под раководство на свети мажи, а потоа се оддалечил и се осамил в пустина. Се хранел исклучиво со растителна храна. Дури ни овошје не вкусувал. Сето време го поминувал на отворен простор со молитва, трпејќи ја секоја непогода на времето. Доживеал старост од 95 години и мирно се упокоил во Господа во 440 година.

РАСУДУВАЊЕ

Душевниот мир е драгоцен за секој човек. Кај оние кои стекнале душевен мир, телото може да биде во непрестајно движење, работа, мака, но нивната душа, приљубена кон Бога, секогаш останува во непоколеблив мир. Свети Серафим Саровски поучува: „Треба да се труди на сите начини да се одржи душевниот мир, да не се разбранува од навредите на луѓето. Затоа е потребно по секоја цена да се воздржува од гнев и со помош на стражарење (над самиот себе) да се чува умот и срцето од непристојни движења... За зачувување на душевниот мир е потребно, исто така, да се избегнува осудувањето на другите. Со неосудување и со молчење, душевниот мир може да се сочува. Кога човекот ќе се најде во таква состојба, тој добива божествени откровенија. Човекот, пак, да би се сочувал од осудувањето на другите, мора да стражари над самиот себеси; не смее од никој да прима недуховни мисли и треба кон сѐ што е световно да биде студен. Ние неуморно мораме да го чуваме своето срце од непристојни помисли и впечатоци“ (Изреки 4:23). Од постојаните стражарења над срцето, во срцето се раѓа чистотија, во која се гледа Господ, според зборовите не вечната вистина: „Блажени се чистите по срце, оти тие ќе Го видат Бога“ (Мт. 5:8).

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса како патник, и тоа:

1. како патувајќи се заморува, се поти, огладнува, ожеднува заради моето спасение, заради твоето и спасението на сите луѓе;

2. како и ноќе се труди за моето спасение, за твоето и на сите луѓе;

3. како на сите патувања мисли, се грижи и го сака спасението на мене, на тебе и на сите луѓе.

БЕСЕДА
за верниот народ и неверните старешини

Коѓа ќе дојде Хрисшос, зар ќе найрави йоѓолеми чуда ошколку шшо найрави Овој (Јн. 7:31)?

Господ Христос правел чудни дела пред сите и сите виделе, но сите не верувале. Народот ги видел Неговите чуда и поверувал во Него. Слугите ги слушнале Неговите зборови и поверувале во Него. А водачите на народот и старешините на слугите, исто така, ги виделе Неговите чуда, но не поверувале во Него. И така, уште во оние дни се потврдиле зборовите на Спасителот: „Мнозина први ќе бидат последни, а последните први“. Оние кои биле први во чест и власт, биле последни во верата во Него; а оние кои биле последни во честа и власта, биде први во верата Негова.

Зошто народот и слугите поверувале, а кнезовите и книжевниците не поверувале? Затоа што народот и слугите се сметале себеси за мали и непознати, та немале ни лична горделивост, ниту, пак, завист кон Христа. Народот и слугите без злоба и предрасуди ги гледале божествените чуда, и ги слушале божествените зборови и се чуделе и се радувале. А кнезовите и книжевниците се сметале себе си за први во народот и во светот, та биле исполнети со горделивост и завист, па не можеле ни за момент да ги гледаат чудесните дела, ниту да ги слушаат божествените зборови без злоба и завист.

Гледате ли, браќа, како човекот без смиреност и без скромност не може ни да ја познае вистината ни да ѝ се радува на вистината. Гледате ли, како горделивиот и завидливиот не Му дозволуваат ни на Бога да е пред нив. Исто како некогаш сатаната!

Господи Исусе, вечна вистино исчисти ги нашите срца од горделивост и завист за да можеме да Те видиме Тебе и да Ти се радуваме. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

16 ФЕВРУАРИ

1. Св. дванаесет маченици, кои пострадале во времето на царот Диоклецијан. Првиот од нив, Памфил, презвитер на црквата во Кесарија Палестинска; човек учен и благочестив, го исправил текстот на ***Новиот завет*** од грешките на разните препишувачи; самиот ја препишувал оваа спасоносна книга и им ја давал на оние кои тоа го посакувале. Вториот бил ѓаконот Валент, стар по години и побелен од мудрост. Тој бил одличен познавач на ***Светото писмо*** и го знаел, за малку, наизуст. Третиот бил Павле, маж чесен и угледен, кој еднаш пред тоа бил фрлан во оган за Христа. Покрај тоа, уште пет браќа, по тело и дух, родум од Египет, се враќале од осудата во рудниците киликиски во својата татковина, но на капијата на градот Кесарија рекле дека се христијани, поради што ги донесле на суд. На прашањето како им е името, рекле: „Незнабожечките имиња што ни ги даде мајка ни ги отфрливме и се нарековме: Илија, Исаија, Еремија, Самуил и Даниил". На прашањето од каде се, рекле: „Од Горниот Ерусалим". Сите овие биле исечени, а со нив пострадало и момчето Порфириј, кое ги побарало нивните тела да ги погребе. Овој во оган изгорел. Уште и Селевкиј, кој пристапил и ги целивал мачениците пред мечот да падне врз нивните глави. Селевкиј пред тоа бил офицер. Уште и старецот Теодул, слуга на римскиот судија, кој при поворката го целивал еден од мачениците. Најпосле и Јулијан, кој мртвите тела маченички ги целивал и ги фалел. И така, го дале малото за големо, и евтиното за драгоценото, и смртното за бесмртното, и се преселиле при Господа во 308 година.

2. Св. Марут, епископ на градот Тагрит во Месопотамија. Бил славен поради верата и добрината. Марут го ублажил гневот на персискиот цар Издегерд кон христијаните, ги испросил од него моштите на 400 маченици во Персија и основал посебен град, Мартиропол, во кој ги положил тие свети мошти. Во тој град и тој го завршил својот земен пат во 422 година и се преселил кон Господа.

3. Св. Преп. мч. Роман. Прост и неписмен селанец од Карпенис. Дознавајќи за јунаштвото и славата на Христовите маченици, младиот Роман посакал и самиот маченишство. Отишол во Солун, каде почнал на улица да ја фали верата Христова, а Мухамеда да го нарекува баснословец. Турците страшно го измачиле, па му го продале на некој ка-

петан на галија. Христијаните го откупиле од капетанот и го испратиле во Света Гора каде што Роман станал монах кај прочуениот старец Акакиј. Но тој и понатаму го посакувал маченииштвото за Христа. Со благослов на старецот, отишол во Цариград, се направил безумен и почнал да води пес низ турските улици. На прашањето што прави, Роман одговорил дека тој го храни тој пес како што христијаните ги хранат Турците. Турците го фрлиле во сув бунар, во којшто без леб поминал 40 дена. Потоа го извадиле и го исекле. Од неговото тело три дена „Дохијар“. Овој славен Христов војник пострадал во 1694 година.

РАСУДУВАЊЕ

Најважно во ливадата е тревата. Во нивата – житото. Во градината – зеленилото. Никој не се фали со оградата на ливадата повеќе отколку со сеното. Ниту, пак, некој се фали повеќе со колибата на нивата отколку со житото. И никој не се фали со браздите во градината повеќе отколку со зеленчукот. Зошто луѓето се фалат со државата? Со патиштата во државата? Со браздите по границите на државата? Со градовите во државата? И со сѐ останато што не е поважно од оградата на ливадата, од колибата на нивата, од браздите во градината кога ќе се спореди со главното семе, со луѓето? Не се луѓето заради државата, туку државата е заради луѓето. Христос не дошол да ги спасува државите, туку луѓето. Од добрите граѓани државата добива цена. А што добиваат лошите луѓе од големата држава – трње во пространа нива!

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса како по темните ноќи Сам во горите се моли за мое и твое спасение и за сите луѓе, и тоа:

1. како ги воздигнува рацете кон небото, како се свиткува до земјата и како клечи на молитва многу ноќи, на молитва за мое и твое спасение и за сите луѓе;

2. како се поти на молитва и плаче за мое и твое спасение и за сите луѓе;

3. како бдее и се бодри на молитва и Го мачи Своето тело без сон и одмор за мое и твое спасение, како и за сите луѓе.

БЕСЕДА
за страшниот камен

Секој што ќе падне врз тој камен, ќе се разбие; а врз кого тој ќе падне, ќе го здроби (Лк. 20:18).

Камен–темелник е Христос Господ. Јуда паднал на тој камен и се разбил. Ирод паднал на тој камен и се разбил. Јулијан Отпадник паднал на тој камен и се разбил. Арие паднал на тој камен и се разбил. Одрекувачите и тие што се подбиваат со Христа паѓаат на тој камен и се разбиваат како грнчарски садови.

На Содом и Гомор паднал тој камен и Содом и Гомор се сотреле. На Египет паднал тој камен и Египет се сотрел. На Ерусалим паднал тој камен и Ерусалим се сотрел. На еврејскиот народ паднал тој камен и еврејскиот народ на парчиња се распрснал. На многу грешни колена и царства паднал тој камен и тие грешни колена и царства се распаднале како прав и пепел.

Седумдесет и седум пати, и повеќе, Господ им опростува на грешниците, но ако и покрај тоа грешниците останат грешници, ќе сака ли Господ, и покрај нивната волја, да ги спаси? Нема, бидејќи тоа не е начело за спасување на луѓето. Начелото е луѓето доброволно да пристанат на спасение од Бога. Ако луѓето седумдесет и седум пати, па и повеќе, не посакуваат спасение од Бога, тогаш и Бог нема да ги спаси. Тогаш луѓето се разбиваат на каменот, покрај којшто не може да се помине и се сотруваат со каменот што го подигнале да го фрлат далеку од себе. Зар може да се рече дека Бог не е милостив, Кој покајаниот разбојник на крстот го спасил? Зар може да се рече дека е неправеден кога го предал на пропаст разбојникот кој на смртниот час Му се потсмевал?

Господи, сесилен, спаси нè нас! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

17 ФЕВРУАРИ

1. Св. вмч. Теодор Тирон. „Тирон" значи „регрут". Само што Теодор стапил во војска, во полкот мармаритски, во градот Амасија, почнало гонењето на христијаните од царевите Максимијан и Максимин. Бидејќи св. Теодор не сакал да крие дека и тој е христијанин, бил изведен на суд и фрлен во самица, заклучена и запечатена, бидејќи нечестивиот судија сакал Теодора да го умре од глад. Во самицата на св. Теодор му се јавил Самиот Господ Христос и го охрабрил Својот маченик, говорејќи му: „Не плаши се, Теодоре, Јас сум со тебе, не земај повеќе земна храна и питие, оти ќе бидеш во другиот свет, вечниот и неминливиот, со Мене на небесата". Тогаш се јавиле мноштво ангели во самицата и целата самица се осветлила преблискаво. Стражарите на самицата ги виделе ангелите, во бело облечени, и многу се уплашиле. Потоа св. Теодор бил изведен, тормозен и на смрт осуден. Бил фрлен во оган и Му ја предал својата света душа на Вишниот Бог. Пострадал во 306 година.

2. Преп. Теодосиј Бугар и Роман ученикот Теодосиев. Како монах св. Теодосиј се населил недалеку од градот Трново, каде што основал манастир, кој според него бил наречен „Теодосиев". Видно се истакнал на соборот во Бугарија против богомилите во 1360 година. Штитејќи ја православната вера на тој собор, тој со причини ги посрамил богомилите. Својот земен живот го завршил во Цариград во 1362 година. Неговиот ученик Роман продолжил да се подвизува во Теодосиевиот манастир до својата смрт.

3. Св. Маријамна (Марија). Сестра е на св. апостол Филип. Патувала со својот брат и заедно со него го проповедала ***Еванѓелието*** во Ерапол и по други места. По маченичката смрт на Филипа, Маријамна ја продолжила својата мисионерска работа во Ликаонија, каде што и завршила со земниот живот.

РАСУДУВАЊЕ

Уметник е оној кој од груб и безобличен камен ќе изделка форми слични на живи созданија. Уметник е оној кој од овча волна ќе исткае разнобоен килим. Уметник е оној кој од земјени тули ќе изгради величествен дворец. Но ка-

ков уметник во светот и да се спореди со Уметникот Христос, Кој од неуките луѓе создал вистински мудреци, од рибарите – апостоли, од плашливите – јунаци, од расипниците – светители? Но, сето тоа мора да Му се даде на уметникот за да го направи она што го знае и умее. И сите работи навистина му се даваат во рака на уметникот. И луѓето мора да се подадат на раката Христова за Он од нив да изделка, исткае и да изгради она што единствено Он го знае и умее. Деветнаесетте минати столетија ни сведочат дека оние кои не се спротивставиле, туку се подале на Христа Уметникот, од грубијани и незнајковци, постанале ангеловидни Божји деца.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса како Уметник над уметниците, и тоа:

1. Кој од подивеното од страсти човечко тело прави благороден орган за секоја добродетел;
2. Кој од хаосот во човечката душа прави космос, чисто и светло огледало на славата Божја;
3. Кој од облагородените луѓе прави царство на непорочните, држава на светите – уметничко дело без пример и без споредба.

БЕСЕДА
за смртта како спиење

Он рече: „Не плачете, таа не е умрена туку спие". И Му се потсмеваа, знаејќи дека е умрена (Лк. 8:52–53).

Овде станува збор за умрената ќерка на кнезот Јаир. И самиот Јаир рекол дека ќерка му умрела, а и неговите слуги тоа го потврдиле. Но Господ животодавецот рекол: „Не плачете, таа не е умрена", а луѓето му се потсмевале, знаејќи дека е умрена. Тие што не знаат, се прават подобри од Оној Кој сѐ знае. Слепите се прават дека гледаат подобро од Видовитиот. А кога девојката воскреснала и се покажала

жива, тие што не знаеле, се зачудиле за големото чудо (Мк. 5:42).

И во денешни дни, тие што не знаат, се потсмеваат кога ќе ја слушнат божествената вистина. Божествената вистина говори: „Го има живиот Бог!" – а тие што не знаат, се потсмеваат како да знаат дека нема Бог. Божествената вистина говори: „Има царство небесно" – а тие што не знаат, се потсмеваат како да знаат дека царство небесно не постои. Божествената вистина потврдува: „Ќе воскреснат мртвите!" – а тие што не знаат и тоа го одрекуваат како да знаат дека тоа нема да се случи. А кога ќе се покаже Бог и кога ќе се јават ангелите Божји, и ќе се објави царството Божјо и кога ќе воскреснат мртвите, тие што не знаат ќе се зачудат за големото чудо.

Кој може да го спаси светот од тие што не знаат? Никој, освен Христос Сезнајниот и Семоќниот. А со што можат да се спасат тие што не знаат? Со ништо, освен со вера во Христа и со верата Христова. Кои се тие што не знаат ништо во светот? Оние кои порекнуваат сè што Христос тврдел и тврдат сè што Христос порекнувал. Со еден збор: тие кои мислат дека нешто знаат наспроти Христовото знаење. Тоа се најголемите и најопасните незнајковци, најопасните и по себе и по другите.

Браќа мои, знајте дека сè и секој може да нè излаже, само не Христос, Господ и нашиот Пријател. Он секогаш знае, а ние не знаеме секогаш, освен кога гледаме во Него и Го слушаме Него.

Милостив Господи, и премилостив, помогни им на сите незнајковци пред смртта и на Судот да се зачудат со чудото големо за да се спасат и тие во царството на Твоите светии. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

18 ФЕВРУАРИ

1. Св. Лав И папа Римски. Роден е во Италија од благочестиви родители. Бил првин архиѓакон кај папата Сикст III, а по смртта на овој, бил востоличен, и против својата волја, на престолот на папата римски. Кога Атила со Хуните дошол близу до Рим и се подготвувал веќе да го разори овој град, Лав излегол пред него во архијерејска одежда, го скротил гневот на хунскиот водач и ја спречил про-

паста на Рим. Колку Атила дозволил да биде посоветуван од светиот човек, толку морал да се уплаши од визијата на апостолите Петар и Павле, кои стоеле покрај Лав и со пламенен меч му се заканувале на Атила. И не само што св. Лав го спасил Рим, туку тој помогнал многу за спасување на православието од Евтихиевата и Диоскоровата ерес. Оваа ерес се состоела во слиањето на божествената и човечката природа Христова во една, и, следствено, во одрекувањето на двете волји во личноста на Господа Спасителот. Поради тоа бил свикан IV вселенски собор во Халкидон, на кој се прочитало посланието на св. Лав, што го напишал и положил на гробот на св. ап. Петар, а св. Петар го исправил. Пред смртта поминал 40 дена во пост и молитва на гробот на св. ап. Петар, молејќи го да му јави дали му се опростени гревовите. Апостолот му се јавил и му рекол дека сите гревови му се опростени, освен гревовите во ракополагањето на свештеник (од коешто се гледа колку е тежок гревот недостоен да се ракополага). Светителот повторно застанал на молитва, додека не бил известен дека и тие гревови му се израмнети. Тогаш мирно Му ја предал душата на Господа. Св. Лав се упокоил во 461 година.

2. Св. Флавијан, патријарх Цариградски по св. Прокло. Современик на св. Лав папата. Решително се борел против Евтихиј и Диоскор, но не го дочекал жив триумфот на православието на IV вселенски собор, зашто пред тоа на еден еретички собор во Ефес бил биен толку бездушно, што и умрел тука. Верен војник Христов, храбар бранител и исповедник на православната вера. Се упокоил во 449 година.

РАСУДУВАЊЕ

Со тешка и претешка мака и пожртвуваност бил истребуван каколот на ересите од пченицата на православните вистини. Еретиците отсекогаш се служеле со ниски средства и со ниски личности во подривањето на православието. Цариградскиот архимандрит Евтихиј и александрискиот патријарх Диоскор, кои го пренесувале еретичкото учење дека во Христа немало две природи: божествена и човечка, туку една; за свој сојузник во царскиот двор го имале нискиот евнух Хрисафиј. Со нив потајно била и царицата Евдокија. Православието лавовски го бранел храбриот патријарх Флавијан, во што му помагала неговата сестра Пулхерија. Евну-

хот му носел на царот најопасни клевети против Флавијан, само царот да го симне од патријаршискиот престол и за патријарх да го постави еретикот Евтихиј. Кога ни тоа, ни сѐ друго не успеало, еретиците се решиле да го убијат Флавијана. И навистина, на разбојничкиот собор во Ефес тие толку го претепале и го изгазиле, што св. Флавијан по три дена ја предал својата душа на Бога. На крајот што се случило? На IV вселенски собор Евтихиј и Диоскор биле проколнати. Евнухот бил исфрлен од дворецот и срамно го изгубил својот живот. Царицата Евдокија била протерана од Цариград во Палестина. Флавијан и Пулхерија биле прогласени за светии. Православната вера била победоносно утврдена.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа помеѓу фарисеите и книжниците, и тоа:

1. како Он се труди да ги подигне фарисеите и книжниците и да ги спаси, а како тие се трудат Него да Го соборат и убијат;
2. како Он сака да ја исправи секоја нивна помисла и збор, а како тие сакаат да ја искриват Неговата помисла и зборот;
3. како е Он натажен што не може да ги оживи и како тие се натажени што не можат да го умртват.

БЕСЕДА
за борбата на немоќните со Семоќниот

А првосвештениците се договорија да го убијат и Лазара (Јн. 12:10).

Се договорија првин да Го убијат Извршителот, па потоа и Неговото дело. Што вреди, тие лукаво помислувале да се убие Чудотворецот, а да се остави жив сведокот на Неговото најголемо чудо? Дури тогаш народот би се разлутил на нив како на злосторници! Па сепак се случило – Го убиле Христа, а го оставиле Лазара. Тогаш? Тогаш тие, или нивните истомисленици, ги побиле десетината Негови апо-

столи, а оставиле стотина. Потоа побиле илјада, а оставиле стотина илјади. Па потоа побиле стотина илјади, а оставиле милиони. Најпосле се покажало дека и избиените зад нивниот грб воскреснувале во живот како покосената трева, а тие што требало да бидат убиени пред лицето на убиецот, растеле како посеана трева. Залудно мудриот Гамалиил говорел: „Ако ова е дело од Бога, вие не можете да го урнете“ (Д. ап. 5:39). Богоборците низ сите векови залудно ја остреле својата немоќ да ја посечат Божјата сеидба. Но, колку повеќе тие ја сечеле, толку повеќе Божјата сеидба побујно растела.

О безумни христоборци, и тогашни и сегашни! Вашиот топуз се одбива од Христовиот град и удира во вашата сопствена колиба, ја разурнува во прав и пепел. Низ сите векови имавте доволно сојузници: освен ѓаволот, покрај вас биле еретиците, идолопоклониците, фанатиците, гаталците и вражачите, развратните кнезови и богаташите, насилниците и сите отапени грешници. Победени сте досега и, без секакво сомневање, сите ваши сојузници со вас заедно ќе бидат победени до крајот на времето.

Затоа, нека е на Тебе, семоќен и бестрашен Господи, слава и вечна пофалба. Амин.

19 ФЕВРУАРИ

1. Св. апостоли Архип, Филимон и Апфија. Архип бил еден од седумдесетте апостоли. Св. апостол Павле го споменува во посланието до Колосјаните и до Филимона, нарекувајќи го свој другар во војувањето. Во градот Колосај средиштето на христијанството бил во куќата на Филимон. Тука се собирале христијаните на молитва. Тоа св. ап. Павле го нарекува, пишувајќи му на Филимона, негова домашна црква. Во тоа време апостолите ги ракополагале своите ученици за епископи, и тоа некои од нив на постојано место, а некои како патувачки мисионери по разни места. И Филимон бил еден од овие последниве. Апфија, Филимоновата жена, постела и ѝ служела на домашната црква. Во времето на некој празник на незнабожечката богиња Артемида, сите верни во Колосај биле, по обичај, собрани во домот на Филимон на молитва. Незнабожците, дознавајќи за овој собир, се втурнале и ги пофаќале сите христијани, а Филимона, Архипа и Апфија, како водачи, првин ги тепале, а потоа ги

закопале до појас во земјата и почнале со камења да ги удираат. Така ги убиле светите Филимон и Апфија, а св. Архип го извадиле од дупката одвај жив и го оставиле на децата со него да се забавуваат. Децата, пак, го изболе целиот со ножеви. И така, овој другар на Павле во војувањето, го завршил животниот тек на својот земен пат.

2. Преп. Доситеј, ученик на прославениот ава Доротеј, кој живеел во киновијата на преп. Серид, Јован и Варсонуфиј Велики. Доситеј бил роднина на некој војвода и дошол во Ерусалим да ги разгледа светињите. Кога ја гледал сликата на Страшниот суд во една црква, му се приближила една жена во порфирен фустан и му објаснувала. И на крајот, при разделбата, му рекла, ако сака да се спаси дека треба да пости и да не јаде месо и почесто да Му се моли на Бога. Тоа била Пресвета Богородица. Се разгорело срцето на младиот Доситеј, та посакал испоснички живот. Доротеј го примил за свој послушник и му наредил потполно да ја отфрли својата волја и да го слуша својот духовен отец. Неколку дена му давал да јаде колку што сака, по извесно време му скратувал по една четвртина, па по некое време пак една четвртина, додека не го навикнал да поминува со најмала мера на храна, постојано зборувајќи му: „Јадењето е навика и колку некој ќе се навикне толку и јаде“. Се спасил и се прославил со потполното послушание, и останал за навек пример на монашката послушност и предаденост на својот духовен отец. Овој млад светител живеел во VI век.

РАСУДУВАЊЕ

Св. Антониј поучува: „Како што човекот од утробата на мајката излегува гол, така и душата од телото излегува гола. Една душа е чиста и светла, друга е извалкана со гревови, а трета е поцрнета од многу гревови. Како што, излегувајќи од утробата мајчина, на ништо не се сеќаваш, што имало во утробата, така, излегувајќи од телото, нема да се сетиш на ништо што било во телото. Како што, излегувајќи од телото, ти си постанал подобар и поубав со телото, така, излегувајќи со душата од телото, ти ќе бидеш подобар и поубав на небесата. Ако телото излезе од утробата на мајката нездраво, не може да живее; и душата така, ако не постигне богопознание преку доброто однесување, не може да се спаси ниту да биде во општење со Бога. Орган на телес-

ниот вид е окото, а орган на душевниот вид е умот. Како што е телото слепо без очите, така е слепа и душата без вистинскиот ум и вистинскиот живо".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса помеѓу простиот народ, и тоа:

1. како Он со љубов го поучува народот како родителот своите деца;
2. како простиот народ со љубов ги прима Неговите зборови, се чуди на делата Негови и Го прославува Бога;
3. како и денес луѓето прости и нерасипани ги примаат Неговите зборови со радост и благодарност.

БЕСЕДА
за испитот

Верниот во малку и во многу е верен... Па така, ако во неправедното богатство не бевте верни, кој ќе ви го довери вистинското? (Лк. 16: 10–12).

Така говори Домаќинот на двата света, на материјалниот и на духовниот. Материјалното богатство Он го нарекува „малку", а духовното богатство го именува „многу". На кого ќе му се даде материјално богатство и се покаже: себичен, скржав, лош, немилостив и безбожен, на него не може да му се даде духовно богатство, бидејќи кога е неверен во малку, ќе биде неверен и во многу; кога е неверен во телесното, ќе биде неверен и во духовното.

Во туѓиот свет човекот полага испит и кога ќе го положи ќе добие свој свет; ако ли, пак, падне, кој ќе му го даде неговиот свет? Вистинскиот човеков свет, неговата татковина, тоа е небесниот, возвишениот, божествениот свет; земниот свет, пак, е свет на грубост и пропаст и е туѓина за човекот. Но во таа туѓина тој е испратен да полага испит за оној вистинскиот негов свет, за неговата небесна татковина.

Двете изреки на Спасителот се со слично значење. О колку е искрено и длабоко нивното значење! Како што светлината ја растерува темнината, така овие зборови на Спаси-

телот ги растеруваат нашите сомневања: зошто сме испратени во овој живот и што треба да направиме? Кој знае да чита со чист разум, нему му е сѐ кажано во овие две реченици.

Да знаеме дека Бог нема да даде духовен дар, дар на разум, ни вера, ни љубов, ни чистота, ни пророштва, ни чудотворства, ни власт над демоните, ни предвидливост и видување на небесниот свет, ни оној кој го проиграл и злобно го употребил (како блудниот син) дарот на телесното здравје или земното богатство или славата и положбата помеѓу луѓето, или познавање на материјалниот свет или некои други вештини и знаења.

Преблаг Господи, поддржувај ја нашата верност кон Тебе во она што Си ни го доверил. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

20 ФЕВРУАРИ

1. Св. Лав еп. Катански. Под вулканската планина Етна, во градот Катанија, светиот Лав бил добар пастир и милосрден наставник на луѓето. Голема грижа имал кон болните и сираците. И ревноста негова за верата била исто онака голема како и милосрдието негово кон неволните. Во тој град се појавил некој маѓесник Илиодор, кој го залажувал народот со разни фантазии и мошне ја развратувал младината. Еднаш, за време на Божјата служба, влегол во храмот Божји и ги почнал своите залажувања. Свети Лав пристапил кон него, го врзал со едниот крај на омофорот и го одвел на градскиот плоштад. Таму наредил да се запали голем оган. Кога огнот се разгорел, тој застанал во средината на огнот и го вовлекол во него и Илиодора. Илиодор целиот изгорел, а св. Лав останал жив и недопрен. Од тоа се посрамиле сите оние што биле заблудени од Илиодор и кои гледале во него некое божество. А милосрдниот и ревносниот Лав се прочул по целото царство како голем чудотворец, кој со своите светли чуда им помагал на луѓето. Кога го завршил својот животен тек, се преселил со душата при Господа, а од неговите мошти потекло исцелително миро. Завршил во VII век.

2. Св. свешт-мч. Садок. Бил епископ во Персија по св. Симеон. Еднаш на сон му се јавил св. Симеон и му рекол: „Вчера јас, денес ти!“ Овие зборови Садок им ги про-

толкувал на паствата и кажал дека значат: „Лани јас пострадав, оваа година ти ќе пострадаш". И навистина, таа година го фатил царот Сапор со многумина од клирот и народот и го извел на суд. Прво им наредил да му се поклонат на огнот и на Сонцето како на божества. Св. Садок одговорил: „Ние сме готови усрдно да умреме за нашиот Бог, но на Сонцето и на огнот нема да им се поклониме". Потоа биле мачени и осудени на сечење со меч. Пред исекувањето, св. Садок воздигнал молитва кон Бога: „Измиј нè, Господи, во крвта наша од гревовите наши". И славно ѝ ги предале, Садок со своите свештеници и верните, телата на смртта, а душите на Бога бесмртниот. Пострадале во 342 или во 344 година.

РАСУДУВАЊЕ

Поубава е водата од земјата, поубав е огнот од водата, поубав е воздухот од огнот, поубава е струјата од воздухот. Па сепак, воздухот е дебела стихија спрема духовниот свет; и струјата е дебела стихија спрема духовниот свет.

Многу е убава струјата, но гласот е поубав од струјата, мислата е поубава од гласот, духот е поубав од мислата.

Убав е воздухот, го разнесува гласот на голема далечина. Убава е струјата, ја спроведува светлината на голема далечина. Како ли, пак, секое дело, секој збор и секоја твоја мисла се спроведува до сите краишта на духовното царство. О колку е страшно да направиш грешно дело и да кажеш грешен збор и да помислиш безумна помисла! До колкава неизмерна далечина се набираат брановите на духовното море! Но не оди во далечните поединости на непознатиот свет. Главно е да знаеш и да цениш дека секое твое дело, збор или помисла, неизбежно прават впечаток на четири страни: на Бога и духовниот свет, на природата, на луѓето и на твојата душа. Ако се извежбаш во оваа состојба, ќе достигнеш повисок степен на спасоносна внимателност.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса во разговорот со Никодим (Јн. 3), и тоа:

1. како Никодим, иако учител во Израилот, совршено не ги разбирал духовните работи;

2. како Господ намерно започнува разговор со прашањето за духовното раѓање – прашање што е најнепристапно за Никодимовиот ум, со тоа да го приведе Никодима на смиреност, а потоа понатаму го обработува како добра почва;

3. како Никодим во почетокот со сомневање и со срам приоѓал кон Христа (како и денес што многу од учените тоа го прават), а потоа, сè поодважно.

БЕСЕДА
за судот и осудата

Кој верува во Него нема да биде суден, а кој не верува, тој е веќе осуден (Јн. 3:18).

Не му се суди на оној кој верува во Христа Господа, бидејќи тој самиот на себе си суди и ги исправа своите стапки кон светлината што оди пред него. Како човекот што ги прилагодува своите чекори во длабоката темнина кон свеќата во рацете, така и оној кој верува во Христа, т.е. кој тргнал по Христа како по светлина во темнината на животот.

А оној кој не верува – веќе е осуден. Односно, оној кој нема патеводител на непознатиот пат, штотуку зачекорил со првиот чекор, го изгубил патот и залутал. Кој не верува во Христа е осуден на незнаење, на немоќ, на гнев, на тетеравење по криви и невкрстени патишта, на порок, на очајание, а можеби и на самоубиство. Осуден е во двата света: во овој свет на бесмислена, телесна и лажна егзистенција, а во оној на вечна пропаст. О како е темен патот на децата на неверувањето и колку е длабока бездната помеѓу секој нивни прв и трет чекор!

Семилостив Господи, навистина немаме ни во кого ни во што да веруваме надвор од Тебе. Ти си наш Спасител

од темнината, гревот и смртта. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

21 ФЕВРУАРИ

1. Св. Захариј патријарх Ерусалимски. Во времето на грчкиот цар Ираклиј персискиот цар Хозрој нападнал на Ерусалим, во 614 година, го ограбил градот, го однесол Чесниот Крст во Персија и зел во ропство огромен број христијани, меѓу нив и патријархот Захариј. Евреите му помагале во правењето зло над христијаните. Помеѓу останатите еврејски пакости, се споменуваат и овие: Евреите откупиле од Хозроја 90 000 христијани и како свои робови сите ги убиле. Стариот патријарх останал 14 години во ропство. А од Чесниот Крст се пројавиле многу чуда во Персија, така што Персијците говореле: „Христијанскиот Бог дошол во Персија". Подоцна Ираклиј го принудил персискиот цар да го врати Чесниот Крст со патријархот и преостанатите робови во Ерусалим. Самиот цар Ираклиј го внесол Крстот на својот грб во светиот град. Останатите свои денови св. Захариј ги поминал во мир. Се преселил кон Господа во 631 година. На престолот го заменил патријархот Модест, по кој дошол св. Софрониј (види, 11 март).

2. Преп. Тимотеј. Пустиник на местото викано „Символи" на Олимп азиски. Од малечок Тимотеј стапил в манастир, се замонашил и сè до длабока старост го поминал земното време во пост, молитва, бдеење и непрестајно трудење. Чист и целомудрен останал низ целиот живот. А на чистите и целомудрените Бог им дава власт над духовите на злобата, па му дал и на Тимотеја. Со својот труд околу душата своја, св. Тимотеј успеал во себе да соѕида прекрасен дом на Светиот Дух. Овој свет човек се упокоил во 795 година.

3. Св. Евстатиј архиеп. Антиохиски. Голем ревнител и заштитник на православието. Како таков на I вселенски собор, каде учено и разложно го побивал Ариевото учење, со останатите свети отци, Евстатиј исповедал правилно дека Исус Христос како Син Божји е рамен на Отецот и на Светиот Дух, според божествената суштина. По смртта на царот Константин, ариевците пак некако напреднале, та почнале силно да го гонат православието. Св. Евстатиј бил си-

мнат од својот престол и протеран прво во Тракија, а потоа во Македонија. Страдал многу и долго, додека најпосле не Му ја предал својата света душа на Бога во 345 година.

4. Св. Јован III Схоластик, патр. Цариградски. Како правник бил ракоположен за свештеник, потоа станал патријарх, во 565 година. Пишувал канони што се внесени во *Номоканонот*. Во неговото време е внесена во литургијата божествената песна „Ние кои таинствено ги изобразуваме херувимите", а исто така и „Сине Божји, прими ме денес за учесник на Твојата Тајна вечера". Мирно завршил и Му ја предал својата душа на Бога во 577 година.

РАСУДУВАЊЕ

Што е тоа гатање? Тоа се три вида на верување. Верување во слеп случај, верување во предмети и верување во семоќта на духовите на темнината. Со гатањето се прорекуваат случаи, се разликува силата на предметите и се заколнува со духовите на темнината. Ниедна друга вера така остро не го осудила и не го отфрлила гатањето како христијанската вера. Ниедна вера, освен христијанската, не е слободна и чиста од гатањето. Останатите вери повеќе или помалку се гатање и некои се состојат единствено од гатање. Гатањето значи потчинување на човекот на пониски предмети и битија од самиот човек. Оттука, гатањето може да се нарече „вера во мрак". Затоа апостол Павле говори: „Од погани и бапски приказни одбегнувај, туку обучувај се во побожност" (I Тим. 4:7). Христијанството е вера на светлина во двојна смисла: прво, затоа што тоа го воздигнува човекот над случајот, над сите предмети и над духовите на темнината, и второ, затоа што тоа го потчинува човекот само под власта на живиот, мудриот и семоќниот Бог. Постои Бог Кој сѐ гледа, затоа не постои слеп случај. Во духовен сојуз со тој жив Бог Кој гледа сѐ човекот може да биде повозвишен од сите предмети и помоќен од сите духови на темнината.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса во разговорот со богатиот младич (Лк. 18:18), и тоа:

1. како богатиот сакал совет, но не бил подготвен за жртва;

2. како Господ му ја покажал жртвата потребна за откуп на вечниот живот;

3. како богатиот си отишол разочаран, бидејќи не можел да се раздели од своето богатство.

БЕСЕДА
за постот и молитвата

Тој род со ништо не може да се истера, освен со молитва и пост (Мк. 9:29).

Ова е спасоносниот пропис на најголемиот Лекар на човечките души. Ова е испробан и докажан лек. Друг лек не постои. А каква е таа болест? Тоа е присуство на владеење на лошиот дух со човекот, опакиот лош дух што се труди конечно да ги упропасти и телото и душата на човекот. Момчето кое Господ го ослободил од лошиот дух било фрлано од овој дух, час во оган, час во вода, само да го погуби.

Сè додека еден човек само мудрува за Бога, сè дотогаш тој е немоќен, потполно немоќен кон лошиот дух. Лошиот дух му се потсмева на немоќното светско мудрување. Но штом еден човек почне да пости и да се моли на Бога, лошиот дух се исполнува со неопислив страв. Мирисот на молитвата и постот тој никако не го поднесува. Благопријатниот божествен мирис го гуши и го ослабнува до крајна изнемоштеност. Кај човек кој само мудрува демонот има просторано место. Но кај човек кој почнува искрено да Му се моли на Бога и да пости со трпение и надеж, на демонот му станува тесно, претесно и тој мора да бега од тој човек. Против некои телесни болести постои само еден лек. А против најголемата душевна болест, ѓаволштината, постојат две лекарства што мара истовремено да се употребуваат: постот и молитвата. Апостолите и светителите постеле и се молеле на Бога. Затоа и биле онака моќни против лошите духови.

О Исусе благ, Лекару наш и Помошнику во сите беди, поткрепи нè со силата на Твојот Свет Дух за да можеме да се придржуваме кон Твојот спасоносен пропис за постот и молитвата заради наше и спасение на нашите ближни. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

22 ФЕВРУАРИ

1. Св. мч. Маврикиј и 70 војници. Во времето на царот Максимијан имало големо гонење на христијаните. Во градот Апамија сириска, Маврикиј бил старешина на локалната војска. Незнабожците го тужеле кај царот како христијанин и како сејач на верата христијанска помеѓу војниците. Самиот цар дошол за да поведе истрага. Со Маврикија биле изведени пред царот и 70 војници христијани, меѓу кои и синот на Маврикиј, Фотин. Ни ласкањето, ни заканувањето царско не можело да ги поколеба овие јунаци. На царските заканувања одговориле: „О цару, нема страв во доброумната и моќната душа на оние што Го љубат Господа!“ Кога царот наредил да ги соблечат војничките појаси и облеки, тие му рекле:„Нашиот Бог ќе нè облече со облеки и појаси негнилежни и со вечна слава!“ Кога царот ги укорувал бидејќи ја презреле војничката чест што им била дадена од него, тие одговориле: „Честа твоја е бесчестие, оти Го заборави Бога, Кој ти ја даде царската власт!“ Тогаш царот наредил, та пред очите на Маврикиј го исекле син му Фотин, со тоа да ги уплашеле таткото и останатите. Но Маврикиј рекол: „Ја исполни нашата желба, о мачителу, и го испрати пред нас Фотина, војникот Христов“. Тогаш царот ги осудил на најнечовечна смрт: ги одвеле во некое мочуриште, ги разголиле, ги приврзале за дрвјата, ги намачкале со мед за комарците, осите и страшните да ги избодат. Во страшни маки Му ги предале душите свои на Бога дури на десеттиот ден и вечно заминале да се радуваат со светите ангели на небото. Христијаните тајно ги зеле нивните тела и чесно ги погребале. Овие храбри Христови војници пострадале околу 305 година.

2. Многумина маченици во Евгенија, близу до Цариград. Во времето на царот Аркадиј биле откопани моштите на многуте Христови маченици, меѓу кои и на апостолот Андроник и неговата помошничка Јунија (Рим. 16:7). Овие мошти биле пронајдени, според откровението од Бога, од некој клирик Никола Калиграф. „Нивните имиња ги знае само Господ, Кој ги запишал во Книгата на живите на небесата“. Над моштите на апостолот Андроник, царот Андроник I соѕидал прекрасен храм во XII век.

3. Преп. Таласиј и Лимниј, сириски пустиници. Еден од нивните особени подвизи било молчењето. По смрт-

та на св. Таласиј во 440 година, Лимниј преминал кон св. Марон (14 февруари) и таму се подвизувал на врвот на планината под отворено небо.

4. Св. Папиј Ераполски. Ученик на светите апостоли и патролошки писател. Од него имаме сведоштво за ***Евангелието*** според Матеја и Марко, за четирите Марии и за браќата Господови, како и еден потполно сочуван спис: „Изјаснување на Словото Господово“.

РАСУДУВАЊЕ

За непрестајното престојување со Бога, св. Антониј поучува: „Твојата душа нека биде со Господа во секое време, а телото нека ти е на земјата, како некоја статуа. Секогаш стои пред лицето Господово исправено. Стравот од Бога нека ти биде непрестајно пред очите; исто така и сеќавањето на смртта и одвратноста од сè што е световно. Умирај секој ден за да живееш; бидејќи кој се плаши од Бога, тој ќе живее вечно. Биди непрестајно бодар за да не паднеш во леност и безработност. Замрази сè што е светско и оддалечи се од себе, инаку тоа ќе те оддалечи од Бога. Замрази сè што ти носи штета на душата. Не отстапувај од Бога заради минливи работи. Не земај за пример од послабиот од тебе, туку од посовршениот. Нека ти послужат како образец и пример оние кои Го љубеле Господа со сето свое срце и правеле добри дела. Пред сè, непрестајно излевај молитва и оддавај Му на Бога благодарност за сè што би се случило со тебе. Ако исполнуваш сè што ти е заповедано, ќе го добиеш наследството што око не го видело, ниту уво не слушнало, ниту човечкото срце го помислило “ (Кор. 2:9).

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса во разговор со Марта и Марија, и тоа:

1. како двете сестри срдечно Го примаат Господа и сакаат да ја чујат Неговата беседа;
2. како Марија повеќе се грижи за духовното, а Марта за телесното угостување на божествениот Гостин;
3. како Господ повеќе се радува Он некого да нагости со духовна храна, отколку некој Него со телесна.

БЕСЕДА
за безумните помудри од светот

Ние сме безумни заради Христа (1. Кор. 4:10).

Така вели големиот апостол Павле, кој прво се раководел со светската мудрост, која е против Христа, додека не ја познал лагата и гнилежот на светската мудрост, и светлината и постојаноста на Христовата мудрост. Тогаш апостолот не се лутел на светот што го нарекува безумен заради Христа ниту, пак, спротивставувајќи му се на светот, самиот се именувал со тоа име.

Нема никаква вредност за нас тоа како ќе нѐ смета или ќе нѐ нарекува светот. Важно е, и повеќе од важно, како ангелите на небесата ќе нѐ сметаат и ќе нѐ нарекуваат кога по смртта ќе се сретнеме со нив. Тоа е од судбоносна важност и сето останато е ништо.

Или ние сме безумни за светот заради Христа или сме безумни за Христа заради светот. Но колку е краткотраен зборот светски! Ако светот ни рече: „безумен!" – светот ќе умре и неговиот збор ќе умре. Што вреди тогаш неговиот збор? Но ако небесните бесмртници ни речат:„безумен!" – тоа ниту умира ниту се симнува од нас како вечна осуда.

Кој не верува во Живиот Бог, ниту во бесмртниот живот, ниту во овоплотувањето на Господа Христа, ниту во Христовото воскресение, ниту во евангелската вистина, ниту во вечната Божја милост и правда – не е ли чудо, ако тој го смета за безумен оној кој во сето тоа верува?

Нека секој од нас, кои се крстиме со крстот, не само лесно да го поднесува, туку и со задоволство да го прифати името: „безумен заради Христа!" Да се радуваме и да се веселиме, ако неверниците така нѐ нарекуваат, бидејќи тоа значи дека сме во близина на Христа, а далеку од неверниците. Да се радуваме и да се веселиме и да му повториме со силно ехо во ушите на светот: „Да, да, навистина ние сме безумни заради Христа."

Господи премудар, поткрепувај нѐ со Твојата сила да не се плашиме од неверниот свет, ни кога нѐ камшикува со камшици, ниту, пак, со погрдни зборови заради Тебе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

23 ФЕВРУАРИ

1. Свешт-мч. Поликарп, еп. Смирненски. Овој голем апостолски маж се родил како незнабожец. Св. Јован Богослов го вовел во верата Христова и го крстил. Во раното детство Поликарп останал сираче и, според некое видение на сон, го примила една благородна вдовица, Калиста, која како син го подигнала и го воспитала. Поликарп од детството бил благочестив и милосрден. Се трудел во животот да го поддржува св. Вукол, тогашниот епископ во Смирна, а и светите апостоли Јован и Павле, кои ги познавал и ги слушал. Свети Вукол го ракоположил за презвитер, а пред смртта го назначил за свој наследник во Смирна. Апостолските епископи, кои се собрале на погребот на св. Вукол, го хиротонисале Поликарпа за епископ. Од самиот почеток Поликарп бил обдарен со чудотворство. Така, од слугата на некој кнез го изгонил лошиот дух, со молитва го стопирал страшниот пожар во Смирна. Кога го виделе тоа, многу незнабожци го сметале за еден од боговите. Издејствувал дожд во сушно време, исцелувал болести, предвидувал, прорекувал итн. Пострадал за време на царот Марко Аврелиј. Три дена пред смртта св. Поликарп прорекол: „По три дена ќе бидам изгорен на оган заради Господа Исуса Христа!“ И кога во третиот ден војниците го фатиле и го повеле на суд, тој извикал: „Нека биде волјата на мојот Господ Бог!“ А кога судијата го советувал да се одрече од Христа и да ги признае римските богови, св. Поликарп рекол: „Не можам да го сменам подоброто за полошо!“ Особено Евреите го мразеле Поликарпа и настојувале тој да биде изгорен. Кога врзан го ставиле на клада, тој долго Му се молел на Бога. И бил мошне стар и побелен, и светол како ангел Божји. И виделе сите луѓе како пламенот го обвива, но не го допира. Уплашени со таквата појава, незнабожните судии му наредиле на џелатот со копје низ пламенот да го прободе. И кога бил прободен, од него истекло многу крв, така што огнот се изгаснал, а телото негово останало цело и неизгорено. По наговор на Евреите, судијата наредил мртвото тело на Поликарп да се изгори според елинскиот обичај. И така нечестивите го изгореле мртов оној кого жив не можеле да го изгорат. Свети Поликарп пострадал во 167 година, на Велика Сабота.

2. Преп. Дамјан, мо̀нах на манастирот „Есфигмен“ во Св. Гора. Бил современик и другар на великиот Козма

Зографски. Се подвизувал на гората Самарија, помеѓу манастирите „Есфигмен“ и „Хилендар“. Се упокоил мирно во 1280 година. Кога се упокоил, од неговиот гроб 40 дена излегувал прекрасен и благопријатен мирис.

РАСУДУВАЊЕ

Свети Поликарп им го пишува на Филипјаните за некој свештеник Валент, кој паднал во грев на сребролубивост и скрил црковни пари, следното: „Многу се натажив заради Валент, кој некогаш беше кај нас како презвитер, што заборавил на дадениот му чин. Затоа, ве молам, чувајте се од среброљубивоста и бидете чисти и праведни. Воздржувајте се од секаков порок. Кој самиот не може да се воздржи, како ќе го учи другиот на воздржување. Кој се предава на среброљубивост, се скверνави себеси со идолослужение и себе си се вбројува во редот на незнабожците. Кој не го знае судот Божји? Или зар не знаеме дека светиите ќе го судат светот (I Кор. 6:2), како што учи Павле. Јас, всушност, ништо слично не сум забележал кај вас, ниту нешто сум слушнал кај вас, меѓу кои се подвизувал блажениот Павле и за кои тој со пофалба се повикува во почетокот на своето послание (до Филипјаните). Со вас тој се фали по сите цркви, кои во тоа време Го познале Бога, а ние уште не Го познавме (т.е. Поликарп и жителите на Смирна). Затоа јас многу сум натажен, браќа, заради Валент и неговата жена. Нека им даде Бог вистински да се покаат. „А вие бидете во тоа благоразумни и не сметајте ги за непријатели“ (II Сол. 3:15), но потрудете се да ги исправите како заблудени и пострадани членови за целото ваше тело да биде здраво. Постапувајќи така, вие самите себе се надградувате“. Така постапувале светителите со грешниците: внимателно и болезливо; внимателно за да ги предупредат другите за сличниот грев, и болезливо за да ги исправат и да ги спасат грешниците.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа во разговор со жената Самарјанка (Јн. 4), и тоа:

1. како умот на жената најнапред е целиот закоравен со телесното мудрување;

2. како кроткиот Господ постепено го изведува нејзиниот ум кон повисоко и духовно мудрување;

3. како таа средба се завршува со обраќање на многумина кон Христа.

4. како фрленото Господово семе прво како да скапува во телесниот ум, па потоа како воскреснува, расте, созрева и донесува многу духовни плодови.

БЕСЕДА
за Христовите дела

Оти делата што ми ги даде Отецот да ги извршам, самите тие дела, што ги извршувам Јас, сведочат за Мене дека Ме испратил Отецот (Јн. 5:36).

Какви се тие Христови дела, браќа? Тоа се дела на Домаќинот кој се вратил од патот и ја нашол куќата ограбена и опустошена. Тоа се делата на Лекарот кој влегол во најстрашната болница и донесол лекови и започнал да лекува. Тоа се, понатаму, делата на Царот кој се вратил во својата држава и ја нашол поделена и растурена и своите поданици како робови во туѓина. Тоа се делата на постариот брат кој отишол далеку да ги побара помладите браќа, залутани и заблудени, осиромашени и здивени. Тоа се уште дела на Учителот и Пастирот, и Јунакот, и Хранителот. Навистина тоа не се мали дела! Обичен човек со најголема светска ученост, знаење и храброст не би можел да направи ниту за три илјади години такви дела какви што Христос направил за три години. Не еден човек, туку сите луѓе во сите времиња заедно не би можеле да ги извршат Христовите дела ни за цела вечност.

Како Господ извршил толку многу дела? Со помош на петте главни чуда: со понизноста, со зборот, со делото, со крвта и со воскресението.

Што сведочат делата Христови? Прво, сведочат дека земјата не го испратила, туку небото; второ, дека не Го испратил ангел, туку Отецот небесен; трето, дека за такви дела никој не е способен освен Оној кој е Велик колку и Бог, моќен колку и Бог, милостив колку и Бог – Кој и самиот е еднаков на Бога.

Колку се сите наши дела безначајни спрема Христовите! Само едно зрно од Христовата добрина и ревност, вредност и вистинитост и ние нашите дела можеме да ги извршиме совршено. Подари ни го тоа зрно, Господи Исусе, бидејќи ние на земјата не можеме ниту да го најдеме ниту да го заслужиме. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

24 ФЕВРУАРИ

1. Наоѓање главата на св. Јован Крстител. Великиот и славниот Крстител Јован бил исечен по желба и наговор на злобната Иродијада, жената на Ирод. Кога св. Јован бил исечен, Иродијада наредила главата да не му се закопува заедно со телото, оти се плашела страшниот пророк некако да не воскресне. Затоа ја зела неговата глава и ја закопала на некое скриено и нечисто место, длабоко во земјата. Нејзина дворјанка била Јована, жена на Хуза, дворјанинот Иродов. Добрата и благочестива Јована не можела да трпи главата на Божјиот човек да остане на бесчесното место, ја ископала тајно, ја однесла во Ерусалим и ја погребала во Маслиновата Гора. Не знаејќи за сето тоа, царот Ирод кога дознал за Исуса како прави големи чуда, се уплашил и рекол: „Тоа е Јован, на кому јас му ја отсеков главата, тој воскреснал од мртвите“ (Мк. 6:16). По извесно време, некој познат властелин, поверувајќи во Христа, ја оставил положбата и суетата светска и се замонашил и како монах, со име Инокентиј, се населил на Маслиновата Гора, токму на она место каде што била закопана главата на Крстителот. Сакајќи за себе да соѕида келија, тој копал длабоко и нашол земјен сад и во него глава, за која таинствено му било јавено дека е на Крстителот. Тој ја целивал и ја закопал на тоа исто место. По Божја промисла, таа чудотворна глава подоцна одела од раце в раце, паѓала во мракот на заборавот и пак била објавувана, додека најпосле, во времето на благочестивата царица Теодора, мајката Михаилова и жената Теофилова, и во

времето на патријархот Игнатиј, не била пренесена во Цариград. Многу чудесни исцеленија се случиле од главата на Претечата. Важно е и интересно е дека, додека бил жив Јован, не направил ниедно чудо (Јн. 10:41), меѓутоа, на неговите мошти им била дадена благодатна чудотворна моќ.

2. Преп. Еразмо, инок печерски. Наследил големо богатство од своите родители и сè потрошил на украсување цркви, особено на посребрување и позлатување икони. А кога осиромашил и останал без ништо, бил презрен од сите. Ѓаволот му дошепнал дека тој залудно го потрошил својот имот: наместо да го раздадеше на сиромаси, тој го дал на украсување цркви. Му се поддал св. Еразмо на тоа искушение и поверувал, поради што се презрел себеси и паднал во очајание и почнал да живее бесцелно и беззаконски. Кога му се приближил смртниот час, се собрале браќата околу него и разговарале за неговите гревови, оти тој не знаел за себе. Наеднаш тој се исправил во постелата и рекол: „Отци и браќа, така е како што велите, грешен сум и непокаен, но еве, ми се јавија св. Антониј и св. Теодосиј, а потоа и Пресветата Богородица, и ми кажаа дека Господ ми дал уште време за покајание“. Уште Богородица му ги рекла охрабрувачките зборови: „Сиромасите ги имате со себе на секое место, а црквите мои ги немате“. И поживеал уште три дена, се покајал и се упокоил во Господа. Ова нè учи дека ревноста за црквата и украсувањето на црквите е богоугодно дело. Свети Еразмо се упокоил во 1160 година.

РАСУДУВАЊЕ

Не ни се ни добри учители ни пријатели оние кои ни чинат сè според нашата желба. Преп. Јован Мосх пишува за некоја позната жена од сенаторско семејство како ја посетила Светата Земја. Доаѓајќи во Кесарија, решила да остане таму и му се обратила на епископот со оваа молба: „Дај ми девојка да ме научи на страв Божји“. Епископот ѝ испратил една смирена девица. По извесно време, епископот се сретнал со таа жена, па ја прашал: „Како е таа девица што ти ја испратив?“ „Добра е, одговорила жената, но таа малку е корисна за мојата душа затоа што ми дозволува да ја извршувам својата волја; а тоа е затоа што таа е смирена, а мене ми е потребно таа да ме кара и да не ми дозволува да го правам тоа што го сакам“. Епископот ѝ испратил некоја друга, со

многу груб карактер, која почнала да ја кара жената, да ја нарекува безумна богаташка и на тоа слично. По извесно време, епископот пак ја прашал жената: „А таа девојка како се однесува со тебе?“ „Таа навистина ја искористува мојата душа“, одговорила сенаторката. И така, таа постанала многу кротка и смирена (Луг Духовни).

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса како камен на сопнување, и тоа:

1. за гревовно самомислење, т.е. за развратен човечки ум што умува чувствено и телесно и се противи на Христовиот ум;

2. за гревовно самољубие, т.е. за развратено човечко срце што во себе не прима ни богољубие ни човекољубие;

3. за гревовни самоволија, т.е. за развратена човечка волја што како таква се противи на Божјата волја.

БЕСЕДА
за покајание и за опростување на гревовите

И да биде проповедано во Негово име покајание и проштавање на гревовите (Лк. 24:47).

Ова е завршна порака на Спасителот до светите апостоли. Во овие зборови, како во ореова лушпа, се содржи ***Евангелието*** на помирување на Бога со луѓето. Што бара Бог од луѓето и што им дава? Бара покајание, а дава проштавање на гревовите. Бара малку, а дава сè. Нека луѓето само се покајат за направените гревови и нека престанат да грешат и ќе добијат од Бога сè; не само сè што срцето може да им посака, туку и повеќе, многу повеќе. Навистина на безгрешните им ветил сè. Безгрешните ќе бидат наследници на царството Божјо, синови Божји, деца на светлината, деца на бесмртноста, другари на ангелите, браќа Христови. Безгрешните ќе имаат изобилен живот, изобилен мир, изобилна мудрост, изобилна моќ, изобилна радост. Безгрешните ќе имаат сè бидејќи сè им е ветено.

Луѓето само нека се покаат и ќе добијат сè. Нека просјакот само се исчисти и избања и да се пресоблече во чисто пред вратите на царскиот дворец, и веднаш ќе биде воведен во царскиот дворец, ќе биде пресретнат и прегрнат од Царот и ќе има сè. Ќе живее со Царот, ќе седи на царската трпеза и ќе има сè, сè и сè!

О браќа мои, тоа не се само зборови, туку тоа е жива и света вистина. Зашто ние знаеме дека многу покајници и покајнички добиле сè што им било ветено. Многу се јавиле од оној свет и ја потврдиле вистинитоста на овие зборови, посведочиле дека сега живеат како царски синови и царски ќерки. Но тие се покајале благовремено, а нам уште ни останува да се покаеме, ако сакаме да бидеме со нив заедно како наследници на царството.

Господи милостив, помогни ни да се покаеме пред смртта за и ние вечно да живееме. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

25 ФЕВРУАРИ

1. Св. Тарасиј патријарх Цариградски. Неговиот претходник, патријархот Павле, тајно го напуштил престолот, отишол во манастир и примил схима. Тогаш владееле Ирина и Константин. По советот на Павле, Тарасиј, сенатор и царски советник, бил избран за патријарх во 783 година. Набрзо ги поминал сите црковни чинови и постанал патријарх. Човек со високо образование и голема ревност во православната вера, Тарасиј се нафатил и неволно на овој чин да би помогнал за победата на христијанството над ересите, особено над иконоборството. По негово барање бил свикан VII вселенски собор во Никеја, во 787 година, каде што било осудено иконоборството и се повратило и се утврдило почитувањето на светите икони. Св. Тарасиј бил мошне милостив кон сиромашните и бедните, им создавал сокровишта и им давал храна. Но кон силните, св. Тарасиј бил решителен во одбрана на верата и моралот. Кога царот Константин ја избркал својата законска жена Марија, зел некаква своја роднина, та живеел со неа, барајќи од патријархот благослов за венчавање, Тарасиј не само што не му дал благослов, туку прво го посоветувал, потоа го разобличил и најпосле го одлачил од причестување. Пред смртта, го виделе

како им одговара на демоните: „Не сум виновен во тој грев! Не сум виновен ни во тој грев!“ Така велел додека не му изморил јазикот, па почнал да се брани со рацете, бркајќи ги од себе. Кога издивнал, лицето му засветило како сончева светлина. Овој навистина голем ерарх се упокоил во 806 година. Со Црквата управувал 22 години и четири месеци.

2. Преп. Пафнутиј Кефалас. Овој светител бил современик на св. Антониј Велики. За него се зборува дека 80 години носел едно исто расо. Св. Антониј високо го ценел и на сите им говорел дека тоа е вистински подвижник, кој умее да ги лекува и да ги спасува душите.

РАСУДУВАЊЕ

Христијанинот е сличен на испросена девојка. Како што испросената девојка непрестајно мисли на својот свршеник, така и христијанинот мисли за Христа. И ако свршеникот е далеку преку десет планини, девојката се однесува како тој да е непрестајно тука, кај неа и со неа. Таа мисли на него, му пее, зборува со него, сонува за него, подготвува дарови за него. Исто така се однесува и христијанинот кон Христа. И како што свршеницата знае дека прво мора да излезе и да се оддалечи од куќата каде што се родила за да се состане и потполно да се соедини со својот свршеник, така и христијанинот знае дека тој не може потполно да се соедини со Христа додека смртта не го оддели од телото, т.е. од материјалниот дом, во кој неговата душа од раѓање престојувала и растела.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса како, седејќи во кораб, го учи народот на брегот (Мк. 4:1), и тоа:

1. како големо мноштво на народ се туркал за да Го слушне, па морал да влезе во коработ;

2. како ги поучувал со приказните за сејачот, семето и земјата, т.е. со оние порамнувања и примери што од ден на ден се повторуваат од почетокот на светот и ќе се повторуваат сè до завршетокот;

3. како не ги учи со помош на некои ретки и чудни случаи, туку со помош на оние обичните што заедно со чо-

векот навлегле во времето и заедно со човекот ќе излезат од времето.

БЕСЕДА
за немоќта на тајните

Оти нема ништо тајно,
што не ќе стане јавно (Мк. 4:22).

Сите човечки тајни дела ќе бидат јавни еден ден. И никакво човечко дело не може да се скрие. Евреите мислеле дека ќе ги скријат од Бога многуте убиства на пророците и дека ќе можат крвавото злосторство над Христа да го скријат, и од Бога, и од луѓето. Меѓутоа, тоа што тие мислеле дека ќе го скријат, постанало деноноќна приказна и на небото и на земјата, еве, низ илјадници години.

Јуда мислел дека ќе го скрие својот предавнички договор против својот Господ, но Господ го провидел тој договор и му го објавил на Јуда в лице. „А Исус му рече: *Јудо, со целив ли го предаваш Синот Човечки*“ (Лк. 22:48)?

Уште Господ насирал во срцата на фарисеите и ги погодувал нивните лоши помисли. Зошто зло помислувате во срцата свои (Мт. 9:4)? Какви дела, какви работи, какви случаи во овој свет да се скријат од Оној кој ги гледа и ги објавува дури и најтајните помисли на човечкото срце?

Нема ништо тајно што не ќе биде јавно. Да се плашиме заради ова и да се радуваме заради ова. Да се плашиме – бидејќи сите наши тајни лоши дела, лоши желби и лоши помисли ќе ги изнесе во јавноста. Да се радуваме – бидејќи сето добро што сме го направиле, посакале или помислиле во тајност, ќе го изнесе во јавност. Ако не се изнесе сѐ пред луѓето на јавност, ќе се изнесе пред ангелите небесни. Во толку поголем страв за грешниците, во толку поголема радост за праведниците.

Човекољубив Господи, опрости ни ги нашите гревови и не објавувај ги за пропаст на нашата душа и за тага на светите Твои ангели. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

26 ФЕВРУАРИ

1. Св. Порфириј еп. на Газа. Овој голем архипастир се родил во Солун од богати родители. Својата младост до 25. година ја поминал во родниот град, потоа го напуштил домот на родителите и светскиот живот и се оддалечил во египетската пустина. Под раководство на искусен духовник, младиот Порфириј таму се замонашил и поминал пет години. Тогаш ја посетил Светата Земја во друштво со својот верен другар, инокот Марко. Близу до Ерусалим се подвизувал во некоја пештера пак пет години. Но тогаш ослабел во нозете, та не можел да оди. Сепак, лазејќи на колена, постојано ги посетувал Божјите служби. Една ноќ во визија му се јавил Самиот Господ и го исцелил од немоќта во нозете, та станал потполно здрав. Кога бил избран за епископ во Газа, св. Порфириј со тешко срце се нафатил на таа должност. Во Газа затекнал само 280 христијани; сите останати жители биле идолопоклоници, и тоа мошне фанатични. Само со својата голема вера и стрпливост Порфириј успеал Газаните да ги преведе во Христовата вера. Морал лично да патува во Цариград кај царот Аркадиј и патријархот св. Јован Златоуст за да бара потпора во нерамната борба со идолопоклониците. Саканата потпора тој ја добил. Идолските храмови се затвориле, статуите се урнале и се ѕидало прекрасна црква со триесет мермерни столбови. Ѕидањето на овој храм го помогнала особено царицата Евдоксија. Св. Порфириј поживеал доволно долго да го види целиот град Газа обратен во христијанската вера, но дури по многуте свои напори, страдања и солзни молитви кон Бога. Се упокоил мирно во 421 година. Бил чудотворец и за време на животот и по смртта. Моштите му почиваат во Газа.

2. Св. мч. Јован Калфа. Овој светител се родил во Галата во Цариград. По занимање бил неимар, ѕидар (*калфа* значи *помошник*). Поради усрдното исповедување на христијанската вера, им се замерил на Турците, па тие почнале да го присилуваат да се потурчи. „Нема јас да се одречам од мојот сладок Исус Христос“, одговорил Јован храбро, „во Него верувам, Нему Му служам, Него Го исповедувам“. По тешките мачења, Турците го исекле на 25 февруари 1575 година во Цариград. Чесно пострадал за возљубениот Христос и се преселил во дворовите Господови.

РАСУДУВАЊЕ

Свети Јован Златоуст вака пишува против оние кои зборуваат во црквата и кои излегуваат пред да заврши Божјата служба: „Некои не пристапуваат (кон причестување) со трепет, туку со туркање, притискајќи се еден друг, пламтејќи со гнев, викајќи, карајќи и туркајќи го својот ближен, полни со метеж. За тоа јас честопати говорев и нема да престанам да говорам. Зар не гледате каква благосостојба владее на олимписките игри (незнабожечките) кога редарот поминува по игралиштето, со венец на главата, облечен во долги алишта, држејќи во раката стап, а викачот објавува да биде тишина и ред? Не е ли грозно таму каде што ѓаволот торжествува да има таква тишина, а таму каде што Христос повикува кон Себе да има големи викотници! На морето тишина, а на пристаништето бура!... Кога си повикан на ручек, ти не смееш да излезеш пред другите, макар и пред другите да се наситиш, а овде додека сè уште се завршува страшната Христова тајна, додека уште трае свештенодејството, ти во самата средина оставаш сè и излегуваш? Како може тоа да се опрости? Како ли може да се оправда? Јуда, причестувајќи се на последната вечера во таа последна ноќ, брзо излегол, додека уште сите други биле на трпезата. Еве чиј пример го следат оние кои брзаат да излезат пред последното благодарење!“ (од беседата за Богојавление).

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса во коработ со учениците (Мт. 8:24), и тоа:

1. како се кренала бура додека Господ спиел;
2. како исплашените ученици Го разбудиле и Го повикале да им помогне;
3. како Господ ги укорил учениците заради маловерието и го смирил морето и ветровите;
4. како јас не треба да се плашам од никаква бура во животот, ако Господа Го чувам во своето срце како на крмата на коработ (тело – кораб, срце – крма).

БЕСЕДА
за внатрешната милостиња

Но, давајте милостина според своите сили, тогаш сè во вас ќе биде чисто (Лк. 11:41).

Надворешната чистота му доликува на човекот. Но тоа е мала чистота. Внатрешната чистота неспоредливо е поважна од надворешната чистота. Таа е голема чистота. Еден сад може корисно да послужи, само ако тој однатре е измиен и чист, макар однадвор да биде валкан и нечист. Ако чашата однатре е извалкана, нејзината надворешна чистота нема никого да привлече од неа да пие. Ако чинијата е однатре валкана и нечиста, кој ќе се осуди од неа да јаде? Има повеќе учители и примери во светот за надворешната, отколку за внатрешната чистота. Бидејќи е полесно да учиш и со пример да покажуваш за надворешната чистота отколку за внатрешната.

Но погледајте, браќа, како Учителот и Примерот за голема чистота ја става оваа голема чистота во зависност од внатрешната милостина. Милостината што се прави од срце, го чисти човечкото срце. Милостината што се прави од душата, ја чисти човековата душа. Милостината што се прави од целиот ум, го чисти човековиот ум. Со еден збор, внатрешната милостина го исчистува целиот човек. Ако е милостината само од рака, таа не ја чисти ни раката, а камо ли срцето, душата и умот. Милостината од рака е неопходна, но таа го чисти дародавецот само тогаш кога срцето ја подава раката кон милостињата. Но, освен таа милостина од рака, има и други видови на милостина. Молитвата за луѓето е внатрешна милостина, а исто така и жалоста кон човечкиот бол и радоста во туѓата радост. Таа е милостина што доаѓа од срцето и ја создава чистотата во срцето, во душата и во умот.

Пречист Господи, помогни ни со вистинска милостина да добиеме голема чистота. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

27 ФЕВРУАРИ

1. Преп. Прокопиј Декаполит. Овој светител бил од Десеттоградието (Декаполис) околу Галилејското Море, заради што и се нарекол Декаполит. Во младоста се оддал на испоснички живот и ги поминал сите пропишани трудови со кои се чисти срцето и духот се воздигнува кон Бога. Но кога настанало гонењето заради иконите од страна на лошиот цар Лав Исавријанин, Прокопиј застанал во заштита на иконите, докажувајќи дека иконопоклонството не е идолопоклонство, бидејќи христијаните знаат дека, поклонувајќи се пред иконите не ѝ се поклонуваат на мртвата материја, туку на живите светители коишто се зографисани на иконите. Поради тоа Прокопиј бил ѕверски мачен, апсен, тепан и со железо стружен. Кога лошиот цар Лав бил убиен по тело, загинувајќи со душата порано, иконите биле повратени во црквите и Прокопиј се вратил во својот манастир каде што го поминал остатокот на деновите во мир. Во староста се преселил во Царството Божјо каде што со радост ги гледал живите ангели и светители, чии ликови на иконите ги чествувал на Земјата. Мирно завршил во XI век.

2. Преп. Талалеј е сириски испосник. Прво бил во манастирот на св. Сава Освештен, но потоа се населил на некои незнабожечки гробишта, прочуени поради појавата на лоши духови и страшилишта. Тоа го сторил за да го победи стравот во себе со верата во Бога. Таму проживеал многу години, претрпувајќи многу од нападите на духовите и дење и ноќе. Поради големата вера и љубов кон Бога, Бог му дарувал дар на чудотворство, та им направил многу добрини на болните и на страдалните луѓе. Завршил околу 460 година.

3. Преп. Тит Печерски. Тит бил презвитер и имал нелицемерна љубов кон ѓаконот Евагриј како брат кон братот. Но колкава била нивната прва љубов, толкава потоа станала меѓусебната омраза, посеана од ѓаволот. Толку се намразиле што кога едниот кадел во црквата, другиот се завртувал и излегувал надвор. Тит се обидувал повеќепати да се помири со својот противник, но залудно. Се разболел Тит и сите мислеле дека ќе умре. Замолил да му го доведат Евагрија да се опростат. Со сила го довлекле Евагрија до постелата Титова, но Евагриј се оттргнал и побегнал, говорејќи дека нема на Тит да му опрости ни на овој ни на оној свет.

Само што го рекол тоа, паднал на земјата и издивнал. А Тит станал од постелата здрав и раскажал како демоните облетувале околу него сè додека тој не му опростил на Евагрија, а кога му опростил, демоните побегнале и го нападнале Евагрија, а него го опкружиле ангелите Божји. Завршил во 1190 година.

4. Преп. Стефан. Прво бил дворски службеник кај царот Маврикиј. Потоа ја оставил дворската служба и гонет со љубовта Христова подигнал дом на милосрдие за старци во Цариград. Завршил мирно во 614 година.

5. Св. мч. Јулијан Подагрик. Страдал од подагра, та не можел ни да стои ни да оди. Бил донесен на носила пред судот за верата Христова. Жив бил изгорен на клада со својот ученик Кронин, во времето на царот Декиј во Александрија.

РАСУДУВАЊЕ

Кога сме надвор од благодатта Божја, ние сме и надвор од себе и споредени со својата благодатна природа, ние се наоѓаме во подобра состојба отколку еден мрднат со умот во споредба со таканаречен здрав човек. Само благодатниот човек е природен човек, т.е. човек со повисока нерасипана природа, во која владее и управува благодатта Божја. Св. Симеон Нов Богослов вели: „Светилникот и да е наполнет со масло и да има фитил, останува сиот темен ако не се запали со оган. Така и душата, според изгледот украсена со сите добродетели, ако нема светлина и благодат на Светиот Дух, таа е изгасена и мрачна“ (Беседа 59). Како што вели и големиот апостол: „Според благодатта Божја сум тоа што сум“ (I Кор. 15:10).

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса како лоза (Јн. 15:1), и тоа:

1. како лоза од која изникнале безбројни плодни лози во лицата на светителите;

2. како лоза што со својот сок, со својата крв ги напојува и ги храни сите лози на себе;

3. како лоза од која се разгранила божествената црква на земјата и на небото;

4. како лоза од која и јас не смеам да ја оддвојам лозата на мојот живот.

БЕСЕДА
за моќта на Воскреснувачот на тела

Урнеше го овој храм и за
шри дена ќе го подигнам (Јн. 2:19).

Господ тоа го рекол за црквата на Своето тело. „Урнете го ова Тело и јас за три дена ќе го воскреснам!“ Тоа го вели Оној кој ја знае својата моќ и кој според својата моќ го исполнил Својот збор. Бидејќи телото Негово било разбиено, искршено, избодено, погебано и три дена со темница покриено. А во третиот ден Он го подигнал: го подигнал не само од гробот на земјата, туку го воздигнал до небесата. И така Он рекол збор и Неговиот збор се обистинил.

Господ им дал знак на Евреите, бидејќи тие барале знак од Него. А кога им дал знак, каков никогаш никој пред Него не можел да даде, тие не му поверувале, туку збунети и исплашени ги потплатувале стражарите од Голгота да измамат и да ја објават измамата како тој чуден знак не се случил, туку како учениците Го украле од гробот!

Не помага никаков знак за оние кои не сакаат да веруваат. Евреите со свои очи гледале многу Христови чуда, па сепак не сакале да веруваат, туку говореле, за оправдување на своето неверување, дека Он тие чуда ги прави со помош на кнезот ѓаволски! Кој не сака да верува во добро, нему не му помагаат сите знаци што може небото да ги даде. Срцето исполнето со злоба е потврдо од каменот гранит. Помрачениот ум со гревот не може да го осветли ни целата небесна светлина што е поголема од илјада сонца.

А кога човекот ќе ја истера злобата од срцето и ќе го спаси својот ум од гревовната темнина, тогаш тој ги гледа безбројните знаци што ги дава Бог на оние кои сакаат да веруваат – гледаат и веруваат.

О браќа мои, да не се огрешуваме на милоста Божја и да не подлегнуваме на еврејската злоба. О браќа мои, сите знаци се веќе дадени и сите болскаат како ѕвезди по небес-

ниот свод на секого кој има добро срце и ум што право мисли.

Господи, Чудотворецу, на Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

28 ФЕВРУАРИ

1. Свешт. мч. Протериј. Овој светител бил презвитер во Александрија во она време кога патријарх во тоа место бил еретикот Диоскор, еден од двигателите на монофизитската ерес, која учела дека во Христа нема две природи, туку една. Во тоа време царувале Маркијан и Пулхерија. Протериј, маж свет и благочестив, станал против Диоскора, поради што претрпел многу беди. Тогаш бил свикан IV вселенски собор во Халкидон, на кој монофизитската ерес била осудена, Диоскор бил исфрлен од патријаршискиот престол и испратен во заробеништво. На неговото место бил избран овој правоверен маж, Протериј. Тој управувал со црквата со ревност и љубов на вистински Хирстов следбеник. Но следбениците на Диоскор не престанале да прават метеж во Александрија. При еден таков крвав метеж св. Протериј излегол од градот со намера привремено да се оддалечи, но на патот му се јавил св. Пророк Исаија и му рекол: „Врати се во градот, јас чекам да те земам“. Протериј се вратил и влегол в црква. Сознавајќи за ова, побеснетите еретици навалиле во црквата, го фатиле патријархот и со ножеви го изболе. Со Протерија погинале тогаш уште шестмина христијани. Така примил маченички венец за вистината православна овој прекрасен пастир на стадото Христово во 457 година.

2. Св. Василиј исповедник. Другар и сострадалник на св. Прокопиј Декаполит. Василиј му бил верен последовател на својот учител Прокопиј и во мирно и во гонењето. Многу маки претрпел од иконоборците. А кога иконоборците пропаднале, по Божјата промисла, Василиј се вратил, заедно со Прокопиј, во својот манастир каде што во пост и во молитва долго се подвизувал и мирно завршил во 747 година.

3. Свешт. мч. Нестор еп. Магидиски. Се одликувал со голема кроткост. Во времето на Декиј бил изведен на суд и луто мачен за Христа. Пред смртта, видел во визија жртвено јагне, кое тој го протолкувал како знак за својата скореш-

на жртва. Бил мачен од епархот Публиј и најпосле на крст распнат во Пергија во 250 година.

4. Св. блажен Николај, јуродив Псковски. Живеел јуродив живот во градот Псков во времето на царот Иван Грозни и се упокоил на 28 февруари 1576 година.

РАСУДУВАЊЕ

Јуродивите заради Христа се одликувале со ретка бестрашност. Блажениот Николај трчал по улиците на градот Псков правејќи се безумен, укорувајќи ги луѓето за нивните тајни гревови и прорекувајќи го она што ќе им се случи. Кога царот Иван Грозни влегол во Псков, целиот град бил во страв и ужас од страшниот цар. Пред секоја куќа било ставено леб и сол за добредојде на царот, но народот не се појавувал. Кога градоначалникот пред црквата му поднел на послужавник леб и сол, царот го поттурнал послужавникот и лебот и солта паднале на земјата. Тогаш пред царот се појавил блажениот Николај во долга кошула, препашан со коноп, јавајќи на стап, како дете, па извикал: „Иванушка, Иванушка, јади леб и сол, а не човечка крв“. Јурнале војниците да го фатат, но тој истрчал и се скрил. Дознавајќи царот за овој блажен, кој е тој и што е, го посетил во неговата тесна одаја. Било тоа во првата недела од чесниот пост. Кога слушнал дека царот му доаѓа во посета, Николај нашол парче сурово месо и кога царот му стапнал во ќелијата, се поклонил и му понудил месо на царот: „Јади, Иванушка, јади!“ Страшниот цар луто му одговорил: „Јас сум христијанин и не јадам месо во пост“. Тогаш Божјиот човек брзо му одговорил: „Та ти правиш и полошо: се храниш со човечко месо и со крв, заборавајќи не само на постот, туку и на Бога!“ Оваа лекција длабоко навлегла во срцето на царот Иван и посрамен веднаш го напуштил Псков каде што наумил да направи големо колење.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса како леб на животот (Јн. 6:48), и тоа:

1. како леб со кој се храни и живее душата;
2. како леб со кој се храни и се просветува умот;

3. како леб со кој се храни и се облагородува срцето.

БЕСЕДА
за душевната храна

Јас сум лебот на
животот (Јн. 6:48).

Така му рекол Господ Исус на гладниот човечки род. И тој збор се исполнил низ вековите на безбројните Христови следбеници, кои Го примиле Господа како храна на својата душа. Некој очаен младич, кој бил блиску до самоубиство, му се исповедал на еден духовник. Духовникот го сослушал внимателно, па му рекол: „Синко мој, самиот си крив за својата неволја. Твојата душа е изгладнета до смрт. Ти целиот свој живот си учел само како да го храниш твоето тело, никогаш не си помислил дека и на душата ѝ е потребна храна и тоа повеќе и почесто отколку што му треба на телото. Твојата душа е на умирање од глад. Јади и пиј Го Христа, сине мој. Само тоа може да ја поврати твојата душа од смртта. Секој ден и непрестајно јади Го и пиј Го Христа; Он е животворен леб на нашите души". Младичот го послушал старецот и се повратил во живот.

Да ја храниме, браќа, својата душа со Христа за да живее и да биде здрава. Да го храниме непрестајно нашиот ум со мислите Христови за да биде просветен и ведар. Да го храниме непрестајно нашето срце со љубовта Христова за да биде сито и радосно. Да ја храниме непрестајно нашата волја со заповедите Христови и со примерот Христов, та во секоја минута да прави добри дела. Нека Христовите мисли бидат наши мисли; и Христовата љубов нека биде наша љубов; и Христовата добра волја нека биде наша добра волја. Непрестајно да ги храниме нашите души со Христа Господа; непрестајно со душата да Го јадеме Него и да Го пиеме Него. Нема похранлив леб од Него, нема послатко питие од Него. Во причеста Он целиот ни се дава на нас со телото и крвта. Но причеста е опомена дека нашите души треба непрестајно да ги храниме со Него. Непрестајно Него да Го јадеме и да Го пиеме како што непрестајно дишеме.

О благ и сладок Господи наш, раздвижи ги нашите души непрестајно да се хранат со Тебе и да бидат живи. Ти

си наш леб на животот. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

29 ФЕВРУАРИ

1. Преп. Јован Касијан. Овој голем духовник се родил во Рим од славни родители. Во младоста ги изучил сите светски науки, особено филозофијата и астрономијата. Потоа целиот се предал на изучување на ***Свешошо йисмо***. Простирајќи се од доброто на подобро и сакајќи сè поголем степен на совршенство, Касијан отишол од Рим во Цариград за лично да го чуе и да го види св. Јован Златоуст. Златоуст го поучил и го посветил за ѓакон. Користејќи се многу со мудриот Златоуст, Касијан се упатил подалеку на Исток за уште повеќе да се научи и усоврши. Најмногу се задржал во Египет, во Нитрија, меѓу прочуените духовни атлети, од кои се научил на вежбање во секоја добродетел. Најпосле се вратил пак на Запад и се населил во градот Марсеј. Тука основал два манастира, еден машки и еден женски. На молбата на монасите, св. Касијан напишал повеќе дела, од кои особено е корисен за љубителите на духовниот живот: „Осум книги за борбата против осумте главни страсти“. Мошне важно му е делото против еретикот Несториј. Ова дело Касијан го напишал на молбата на архиѓаконот Лав. Верно Му послужил на Господа и мнозина збогатил со мудрост, па се преселил во вечниот живот во 435 година. Моштитѐ на св. Касијан и денес почиваат во Марсеј.

2. Преп. Варсануфиј. Родум е од Палестина. Роден како незнабожец, се крстил во својата 18. година и веднаш се замонашил, добивајќи го името Јован. Кога се прочул поради својот добродетелен живот, бил избран за архиепископ во Дамаск. Но не останал долго на тој положај. Копнеејќи по осамен духовен подвиг, тајно го напуштил Дамаск и отишол во пустината нитриска. Тука се пријавил како монах Варсануфиј и веднаш добил за послушание да биде манастирски водоносец. Некогашниот архиепископ со радост го примил тоа послушание. Со своето умно расудување, кроткост и вредност, Варсануфиј наскоро им станал пример на сите монаси. Дури пред неговата смрт им било откриено на монасите кој е Варсануфиј. И така, овој светител послужил со својот пример за укорување на гордите и властољубиви-

те, а за утеха на смирените и кротките. Се упокоил мирно и се преселил при Господа во 457 година.

РАСУДУВАЊЕ

Свети Јован Касијан за борбата со духот на блудот пишува: „Борбата со духот на блудот е лута и е подолга од другите борби. Таа е секојдневна и само мал број на луѓе во неа потполно победиле. Таа борба се започнува со првиот зрел растеж и не престанува сè додека не се победат сите останати страсти. Во оваа борба е потребно двојно оружје. За достигнување на совршена и чиста целомудреност не е доволен само телесен пост (иако е тој пред сè потребен), туку е потребна и скрушеност на духот и неотстапна молитва против овој најнечист дух; потоа, непрестајно поучување од ***Светото писмо*** заедно со разумно делување, потоа, телесен и ракотворен труд што го задржува срцето од блудство и го враќа кај себе, а над сè длабока и вистинска смиреност без која никогаш и над никоја страст не може да се добие победа. Победата над оваа страст е условена со совршено исчистување на срцето, од кое, според зборовите на Господа, истекува отров од таа болест. *Оти од срцето излегуваат лоши помисли,... прељубодејства, блудства итн...* (Мт. 15:19). Потребно е да се има постојана смиреност во срцето и трпение, како и внимателна претпазливост во текот на денот од гневот и останатите страсти. Колку што во нас ќе влезе огнот на гневот, толку полесно во нас проникнува жарот на похотта“. Интересно е дека и многу други големи духовници ги доведуваат во причинска врска страста на гневот и страста на блудната похот, од што следува дека оние кои се гневат се најголеми похотливци.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса како буден стражар над Својата црква (Мт. 28:20), и тоа:

1. како Он бдее над целиот создаден свет, а посебно над Својата црква со крв спечалена;

2. како Он бдее над секоја крстена душа како градинар над својот посев;

3. како Он преку тишината и преку бурата ја води Својата црква, водејќи ја кон крајна победа;

4. како Он бдее и над мојот живот да се воздигне и да се ѕида во Неговото вечно царство.

БЕСЕДА
за Христовото живо присуство

Јас сум со вас преку сите дни до завршетокот на светот (Мт. 28:20).

Еве утеха над утехите!

Еве утеха за оние кои ги ломи бурата! Нека се потсетат само дека овде е Христос, покрај нив и нека не се плашат. Он е кормилар.

Еве утеха за оние кои боледуваат! Нека знаат дека Христос е тука, крај нивната постела и нека не очајуваат. Он е лекар.

Еве утеха за оние кои стареат! Нека не губат од вид дека Христос со нив патува низ времето сè до вечноста, во вечна младост и нека бидат спокојни.

Еве утеха за оние кои ги мачат луѓето! Нека не мислат дека се оставени, бидејќи Христос е со нив во сите маки, и на судот, и во затворот и нека се радуваат. Он е судија.

Еве утеха за сите оние кои ја бараат светлината на правдата и вистината! Нека веруваат дека Христос е поблизок до нивната душа од нивните очи и нека се придржуваат кон Негово раководство. Он е светлината.

О браќа мои, навистина Христос е непрестајно со нас како светлината што е непрестајно со очите што гледаат. Но, о таго наша, ако нашите духовни очи се затворени, та залудно се труди светлината да се сретне со зеницата на нашиот вид! О таго и жалост наша, кога ние не сме со Христа!

Он ни доаѓа во пресрет, дали ние одиме да Го пресретнеме? Он сака со нас, дали ние сакаме со Него? Ако сакаме утеха, ние мораме да бидеме со Него во сите денови до завршетокот на нашиот век.

Господи, наша единствена утехо, не оставај нè! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

1 МАРТ

1. Преп. мч-чка Евдокија. Живеела во градот Илиопол Финикиски за време на царувањето на Трајан. Прво била голема развратница, а потоа покајничка, испосничка и потоа маченичка. Со развратот собрала огромно богатство. Пресврт во нејзиниот живот направил, со промислата Божја, некој стар монах Герман, и тоа не сакајќи. Доаѓајќи по работа во градот, тој отседнал кај еден христијанин, чија куќа се допирала со куќата на оваа Евдокија. Кога тој ноќта почнал, по монашкиот обичај, да го чита *Псалтирот* и некоја книга за Страшниот Суд, Евдокија го чула и со внимание застанала да ги слуша неговите зборови сè до крајот. Страв и ужас ја обзел и останала будна до осамнување. А штом осамнало, таа испратила слуги да го замолат тој монах да дојде кај неа. Герман дошол и меѓу нив почнал долг разговор за она што старецот–монах минатата ноќ го читал, и воопшто за верата и спасението. Резултатот на тие разговори бил тоа што Евдокија го замолила месниот епископ да ја крсти. По крштавањето, таа ѝ го предала сиот свој имот на црквата да им се раздаде на сиромаси, ги отпуштила своите слуги и робови и се повлекла во некој женски манастир. И така решително се посветила целата на монашкиот живот, на послушание, трпение, бдеење, молитва и пост и по 13 години била избрана за игуменија. Во манастирот проживеала 56 години и се удостоила пред Бога така што Бог ѝ дал толкава благодат, та и мртви воскреснувала. Кога настанало гонењето на христијаните од некој кнез Викентиј, света Евдокија била исечена со меч. Еве прекрасен пример како еден сад на нечистотија може да се исчисти, да се освети и да се исполни со скапоцен небесен мирис, со благодатта на Светиот Дух.

2. Преп. Агапиј. Бил послушник на некој духовник при манастирот „Ватопед“. Морските разбојници го фатиле и го продале како роб во Магнезија. После 12 години бил чудно ослободен и вратен во „Ватопед“ со помошта на Пресвета Богородица. Ги крстил своите поранешни господари и им бил духовник. Остатокот на животот го поминал во подвиг во „Ватопед“ и завршил мирно во Господа.

3. Св. мч-чка Антонина. Родена е во Никеја. За верата Христова апсена и остро мачена. Најпосле зашиена во вреќа и удавена во езеро, во 302 година. Но Бог ѝ ја спасил

душата и ја прославил за навек меѓу ангелите на небото и меѓу верниците на земјата.

РАСУДУВАЊЕ

Верност и покорност на волјата Божја треба да го красат животот на секој христијанин. Бог ги прославува верниците и покорните како што тоа се гледа од животот на Агапиј. Овој светител како млад го фатиле разбојници, го одвеле во Азија и го продале на некој Арап. Полни 12 години Агапиј робувал кај тој Арап молчеливо и послушно; полни 12 години ѝ се молел на Пресвета Богородица да го ослободи од ропството. Една ноќ му се јавила Богородица и му рекла да стане и да појде без страв кај својот старец. Агапиј станал и дошол во Света Гора кај својот старец. Кога старецот го видел Агапиј, се нажалил, мислејќи дека самиот побегнал од својот господар и му рекол: „Чедо мое, агарјанинот ти го измами, но Бога не можеш никогаш да Го измамиш. На денот на Страшниот суд ти мораш да дадеш одговор за тие пари со кои твојот господар те купил за да му служиш. Затоа појди назад и служи му верно на твојот господар“. Агапиј, верен и покорен на волјата Божја, веднаш се вратил во Азија, му се јавил на својот господар и му раскажал сè што се случило со него. Кога слушнал сè, Арапот се зачудил на добродетелта на христијанинот, па посакал да го види старецот на Агапиј. Ги зел своите двајца синови и дошол во Света Гора. Таму се крстил со синовите, сите тројца се замонашиле и останале до смртта да се подвизуваат, прво под раководство на старецот на Агапиј, а потоа и на самиот Агапиј. И така, некогашните сурови господари постанале послушни ученици на својот поранешен роб, на верниот и на волјата Божја покорен Агапиј.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса на Тајната вечера, и тоа:

1. како им ги мие нозете на учениците и со тоа посебно ги учи на смиреност и меѓусебна љубов;

2. како Петар, еден од најверните, се срами и се брани Господ да му ги мие нозете;

3. како Јуда, неверник и предавник, не се срами и не се брани Господ да му ги измие нозете;

4. како и денес верните добиваат безбројни Божји добрини со возбуда и срам, а неверните го добиваат истото тоа без возбудување, без срам и уште со противење на Бога.

БЕСЕДА
за знаењето и извршувањето

Кога го знаете ова, блажени сте, ако го извршувате (Јн. 13:17).

Најважно во оваа Господова изрека е, драги браќа, тоа што Господ не го ублажува знаењето, туку извршувањето. Он не им вели на апостолите: блажени сте ако ова го знаете. Така говореле некои незнабожечки учители кои само во знаењето го гледале спасението. Не, туку Господ вели: „блажени сте ако го извршувате". Знаење за спасението донесол самиот Господ Исус. До тоа знаење никој не можел да дојде со свој труд. Некои од старите грчки филозофи говореле дека човечкиот род не може ни да дојде до вистината, ниту да се спаси додека самиот Бог не дојде на земјата. Господ дошол помеѓу луѓето и им го открил знаењето. Кој го прими ова знаење, прима и обврска да го извршува. О колку полесно ќе му биде на Судот на оној што ова знаење никогаш не го примил, па заради тоа и не го извршувал, отколку на оној кој ова знаење го примил и го занемарил неговото извршување! О колку полесно ќе им биде на Судот на неуките незнабожци отколку на учените христијани!

Господ се покажал не само како знаен, туку и како извршител. На Неговото совршено знаење одговарало и совршено извршување. Тој Самиот лично, пред очите на своите ученици, ги извршил Своите заповеди. И оваа заповед им ја дал по извршеното дело на смиреност и љубов. Кога ги измил нозете на учениците, тогаш им заповедал и тие така да си прават еден на друг.

Господ не дошол помеѓу луѓето да ги валка туку да ги исчисти. Тој никого не извалкал, а го измил секого кој сакал да се измие. Каков срам за многумина од нас, кои се трудиме само себеси да се измиеме, а двапати повеќе се трудиме другите да ги извалкаме! О браќа мои, ние родените браќа ги валкаме! Христос плаче кога гледа како ние со кал-

та на клевета ги валкаме оние кои Он со својата крв ги измил.

Господи, прости ни. Грешиме секој ден против своите браќа. И направи, Господи, браќата кои сме ги извалкале да бидат посветли од нас во Твоето царство. Ти си праведен и сѐ гледаш. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

2 МАРТ

1. Свешт-мч. Теодот еп. Кириниски, на островот Кипар. Поради својата мудрост и добродетелите, бил избран за епископ и управувал со црквата Божја со љубов и ревност. Но кога настанало гонењето на христијаните во времето на опакиот цар Ликиниј, овој Божји човек бил изведен на суд и ставен на многу маки. Кога мачителот го советувал да се одрече од Христа и да им се поклони на идолите незнабожечки, св. Теодот му одвратил: „Кога ти би ја знаел добротата на мојот Бог, на Кого јас се надевам, дека поради овие кратковремени маки ќе ме удостои на вечниот живот и ти би посакал за Него да пострадаш вака како јас“. Му удирале клинци во телото, а тој Му се молел на Бога со благодарност; мислејќи дека крајот му е близу, ги советувал и ги поучувал христијаните кои биле околу него. Но, по Божја промисла, во тоа време царот Константин им објавил слобода на христијаните и наредил да се пуштат сите кои се под суд заради Христа. Тогаш и овој светител бил ослободен, се повратил онака измачен на својата положба во Киринија и поживеал уште две години. Потоа се упокоил во Господа, на Кого верно Му служел и за Кого многу пострадал. Својот земен живот го завршил во 302 година и се преселил во дворовите Господови.

2. Св. мч. Троадиј. Како момче пострадал за Христа. Св. Григориј Неокесариски го видел во видение како храбро ги поднесува маките за Христа сѐ додека не бил убиен. И му ја видел душата, која, кога се разделила од телото, радосно итала кон небото. Св. Троадиј пострадал и се прославил во III столетие.

3. Четиристотини и четериесет маченици, кои биле убиени од Лонгобардите во Италија околу 579 година. За нив пишува св. Григориј Двоеслов. На едно место биле обезглавени 40, а на друго другите 400, сите поради тоа што

не сакале да јадат од идолска жртва, а освен тоа, овие 400 уште и затоа што не сакале, по обичајот на незнабожните Лонгобарди, да играат околу козја глава, принесена на демоните како жртва од страна на незнабожците.

4. Преп. Агатон. Голем египетски подвижник од V век. Современик на св. Макариј и ученик на св. Лот. Се трудел да ги исполни сите Божји заповеди. Некој од браќата му го пофалил едно ноже, со коешто ги сечел прачките за кошници. Слушнувајќи ја пофалбата, светителот со радост му го подарил на тој брат ножето. Уште говорел св. Агатон: „За мене би било задоволство кога би можел да го земам телото на некој губав, а нему да му го дадам моето“. Не е ли тоа совршена љубов? [1)]

5. Св. мч-чка Евталија. Оваа света Евталија била девица од Сицилија, имала мајка со исто име и брат Сермилијан. Сите биле некрстени и незнабожни. Старата Евталија болувала од крвотечение. Во сонот ѝ се јавиле св. мч-ци Агфеј, Филаделф и Кирил (види под 10 мај) и ѝ рекле дека ќе оздрави само и единствено ако се крсти во името на Господа Исуса Христа. Евталија поверувала во Христа, се крстила и навистина оздравела. Видувајќи го тоа чудо и нејзината ќерка се крстила. Сермилијан, пак, почнал да ги исмејува мајката и сестрата поради верата Христова, потоа и да им се заканува. Мајката се уплашила и избегала од куќата. Тогаш братот почнал да ја гони сестра си. Но сестрата не се уплашила, оти помил ѝ бил Христос од братот, и му рекла на Сермилијана: „Христијанка сум и не се плашам да умрам“. Опакиот брат испратил при неа еден слуга да ја оскверни. Но кога слугата ја нападнал св. Евталија, тој го изгубил видот. Злобниот брат го видел тоа чудо, но останал на тврдото срце. Тој потрчал по сестрата, ја фатил и главата ѝ ја отсекол, слично на Каин. Така св. девица Евталија се овенчала со венец на вечната слава. И така и во оваа прекрасна прилика се исполнило словото на Христа Господа, дека Он донесе меч меѓу луѓето што ги дели сродните по крв, но не и сродните по вера (Мат. 10:34–35).

---

[1]) Во грчкиот *Синаксар* преподобниот Агатон се споменува на 8 јануари.

РАСУДУВАЊЕ

Ако некој ја изгуби верата во Бога, за надоместок му се дава глупост. А од сите глупости скоро нема поголема од оваа некој да се нарекува христијанин, а да оди и да пребарува докази за Бога и за бесмртниот живот по други вери и филозофии. Кој нема да најде злато кај богатиот, како ќе најде кај сиромавиот? Откровенијата за бесмртниот живот, фактите, доказите, показателите и реалните појави на духовниот свет – сето тоа не само што го сочинува темелот на христијанската вера, туку ги сочинува и ѕидовите, и катовите, и украсите, и целиот мебел, и покривот и кубињата на величествената зграда на христијанската вера. Низ секој евангелски збор свети по еден зрак од овој духовен свет, а да не зборуваме за чудните случувања, и евангелските и поевангелските, низ сета историја на Црквата за 2000 години. Христијанството ги отворило ширум портите на оној свет во толку голема мера што него не треба ни да го нарекуваме религија – заради забуна за да не се меша со останатите вери и религии – туку Откровение. Божјо Откровение.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса на Тајната вечера, и тоа:

1. како мораше да им каже на учениците дека еден од нив ќе Го предаде;
2. како и после сè што Он направи за Јуда, и по миењето на нозете и по најавувањето дека Он знае за неговите предавнички намери, Јуда остана упорен во своите мисли за продавање за сребро и на својот Учител и на својата душа;
3. како Му беше жал на Господа за пропаста на Јуда како и за пропаста на другите Негови предавници и на Неговата црква низ сето време до крајот, што Он предвидуваше сè со Својот Дух, Кој гледа сè.

БЕСЕДА
за Отецот и Синот

Кој Ме гледа Мене, Го гледа Оној што Ме испратил (Јн. 12:45).

Кој ја гледа светлината, го гледа и Сонцето; од друга страна, зар може некој да го види сонцето а да не ја гледа светлината? Ако Сонцето не ни ја испраќа светлината, никој од нас не би знаел за него. Сето наше знаење за Сонцето ние го добиваме со помош на светлината што е од Сонцето. Никогаш никој не го видел Сонцето со помош на друга светлина, освен со таа што е од Сонцето.

Така е и со нашето познавање на Отецот со помош на Синот. Кој не знае за Синот, не може да знае за Отецот. Кој го познава Синот, го познава и Отецот. Кој Го гледа Синот, го гледа и Отецот. Бог не може да се познае без Својата светлина што дојде помеѓу луѓето. Светлина на Отецот е Синот. „Јас Сум светлина", рекол Христос. И светлината свети во темнината. Физичкиот свет би бил сиот во темнина да не е светлината од Сонцето. А духовниот и моралниот свет, и сиот човечки живот, би бил темнина, ако не е светлината што е од Отецот. Таа светлина е Христос Господ.

Навистина, браќа, нема вистинска светлина што Го осветлува Божјото битие како што е Христос Господ. Кој го гледа Него, Го гледа Бога. Кој не Го гледа Него, тој е во темнина.

Господи Сине Божји, секогаш помагај му на нашиот дух да Те гледа Тебе и преку Тебе Твојот небесен Отец и Светиот Дух, Утешителот, едносушната и неразделна Троица, на која нека ѝ е слава и вечна пофалба. Амин.

3 МАРТ

1. Св. мч-ци Евтропиј, Клеоник и Василиск. Му биле другари на св. Теодор Тирон. Па кога славниот Теодор славно завршил, тие останале во самицата по него и не биле за долго време осудени поради смената на царскиот наместник во градот Амасија. Кога стигнал новиот наместник, уште понечовечен од својот претходник, наредил та му ги изведе

овие тројца. Сите тројца биле момчиња, и тоа Евтропиј и Клеоник родени браќа, а Василиск роднина на св. Теодор. Но сите тројца, според братската љубов, биле како родени браќа. Така и пред намесникот рекле: „Како што е Светата Троица неделива, така сме и ние по верата неделиви и по љубовта неразделни". Залудни биле сите ласкања од страна на намесникот, залудни биле неговите обиди да го поткупи Евтропија. Прво овој го повикал да вечера со него. Евтропиј го одбил, говорејќи од псалмите: „Блажен е оној човек што не оди на совет безбожнички"; потоа му понудил огромно богатство – сто и педесет килограми сребро – коешто св. Евтропиј, исто така, го одбил потсетувајќи го намесникот дека Јуда поради сребро душата своја ја изгубил. По сите обиди, тормозења и маки, првите двајца биле осудени на распетие, а Василиск на исекување со меч. И двајцата браќа биле на два крста распнати, за кое тие Му оддале слава на Христа што ги удостоил на онаа смрт со која и Он умрел; а третиот, Василиск, со меч обезглавен. И сите отидоа во Царството на радоста каде што ги чекал нивниот војвода, св. Теодор, пред нив прославен од Христа Господа и Победоносецот. Пострадале чесно во 308 година.

2. Св. Пиамука Египетска. Заради Христа не сакала да се омажи, туку се предала на подвижништво во куќата на својата мајка. Земала само малку храна, и тоа секој втор ден, времето го поминувала во молитва и созерцание. Имала дар на видовитост. Се упокоила мирно, армасувајќи ја душата своја на Господа, околу 377 година.

3. Непозната девојка од богата куќа во Александрија. Имала добар татко, кој претрпел многу и лошо завршил, и лоша мајка, која добро поживеала и умрела во мир и била погребана со почест. Во недоумие дали да живее според примерот на татко си или по примерот на мајка си, оваа девица имала видение, што ѝ ја открила состојбата на таткото и на мајката во другиот свет. Својот татко таа го видела во Царството Божјо, а мајка си ја видела во темнина и мака. Тоа неа ја определило целиот свој живот да Му го посвети на Бога и слично на својот татко да се држи до законот Божји, без оглед на сите спротивности и неволји што ќе треба да ги претрпи. И го одржала законот Божји докрај, со Божја помош и се удостоила на Царството Небесно, во кое се сретнала со својот богољубив татко.

РАСУДУВАЊЕ

Говорејќи по човечки, Христос со послушност се воздигнал до старешинство во Црквата, во светот и во човечката историја. Никој не станува добар старешина, ако не го поминал училиштето на послушност. Адам ги изгубил власта и старешинството над животните и природните стихии во оној час кога се покажал непослушен кон Бога. „Послушноста се прави за послушност; ако некој Го слуша Бога и Бог го слуша него", рекол ава Мојсеј. Сепак, очигледно е дека Бог повеќе ги слуша луѓето отколку луѓето Бога, кога ќе се земе колку и колку пати луѓето секојдневно грешат кон Божјите заповеди. Фактот дека Бог повеќе нè слуша нас гнилежните, отколку ние Него, мора да го исполни со срам секого кој сè уште има совест. Кога св. Евтропиј бил мачен со своите двајца другари, тој се помолил на Бога: „Дојди ни на помош како што Си дошол на Твојот слуга Теодор (Тирон)!" Тогаш се затресла земјата и послушниот Господ со ангелите и со св. Теодор се јавил. И им рекол Господ на страдалниците: „За време на вашето мачење, Јас стоев пред вашите лица, гледајќи го вашето трпение. Вашите имиња ќе се запишат во книгата на Животот".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса на Тајната вечера, и тоа:

1. како Он го избра лебот и виното, два обични елементи за исхрана и преку нив ја востанови Својата видлива – невидлива врска со Црквата до крајот;
2. како Тајната вечера се одржала до денес и како ќе се одржи до крајот на времето како тајна на причестување;
3. како секојдневно, дури и секој час, некаде во светот од некој свештеник се осветува леб и вино и се прима како тело и крв Христови. Чудна визија за тоа!

БЕСЕДА
за љубовта кон ближните

Но да останам во телото,
е потребно за вас (Фил. 1:24)

Озарен со љубовта Христова, апостол Павле признава во посланието до Филипјаните дека за него смртта е добивка, бидејќи негов живот е Христос. Неговата љубов кон Христа го влече кон смртта, што побргу да застане покрај Христа, а љубовта кон верните луѓе уште го тера да остане во телото. Па сепак, тоа не се две љубови што го растргнуваат апостолот и го влечат на две страни, туку една иста, што пред него отвора две ризници на богатство: една ризница на блажениот свет на небото, а втората душите на тие кои веруваат на земјата. Тоа небесно богатство се зголемува со богатството на земјата; едната ризница се прелива во другата. Да оди на небото – апостолот кон тоа го влече љубовта и наградата; да остане на земјата – кон тоа го влече љубовта и должноста.

Па кога еден смртен човек, браќа мои, наоѓа дека е попотребно да се биде во телото од љубов кон своите браќа, какво тогаш чудо е што бесмртниот Бог увидел пред апостолот дека е попотребно да биде во тело во духовното царство? Оваа Павлова исповед пред Филипјаните зар не ни ги објаснува сосем јасно побудите за овоплотувањето на Синот Божји? Таму, на небото, е вистинското Христово царство и вистинскиот Христов живот без примеси на грев и смрт. Но љубовта на Синот Божји кон луѓето нашла дека е попотребно да биде во тело на земјата, помеѓу нив. Навистина, мораме да му бидеме благодарни на апостол Павле што, објаснувајќи си на себе, ни ја објаснил тајната на Христовото доаѓање и престојување во телото.

Господи, прекрасен Си во Своите светии. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

4 МАРТ

1. Преп. Герасим. Овој познат светител прво се учел на подвижништво во египетската Тиваида. Тогаш преминал на Јордан и таму основал манастир, во кој имало околу 70

монаси, и кој и ден–денес постои. Тој донесол посебен устав за својот манастир, според кој: монасите пет дена поминувале во своите келии плетејќи кошници и рогозини; не смееле никогаш да палат оган по келиите; пет дена јаделе само по малку сув леб и урми; монасите морале да ги држат своите келии отворени и кога би излегле од нив можеле, ако сакаат и што сакаат да земат; во сабота и недела се собирале во манастирската црква, имале заедничка трпеза со вариво и со малку вино во слава на Бога. Тогаш секој монах би го донесувал и ставал пред нозете на игуменот она што го изработил во изминатите пет дена. Секој монах имал само една мантија. Св. Герасим им бил пример на сите. Во Чесниот Пост не јадел ништо, освен што се причестувал. Еднаш видел лав кај рика од болка, оти имал трн во ногата. Св. Герасим му пришол, се прекрстил и му го извадил на ѕверот трнот од ногата. Лавот се укротил, дошол во манастирот и тука останал до смртта на старецот, а кога старецот умрел, и лавот овенал од болката по него. Бил на IV вселенски собор, во Халкидон, во времето на Маркијан и Пулхерија, па, иако и тој прво навалувал кон монофизитската ерес на Евтихиј и Диоскор, на соборот бил голем поборник на православието. Св. Евтимиј го одвратил од ереста. Од Герасимовите ученици најславен беше св. Кириак Отшелник. Св. Герасим се упокоил во 475 година и преминал во вечната радост на својот Господ.

2. Св. мч-ци Павле и Јулијанија. Брат и сестра од Птолемаида Финикиска. Биле страшно мачени за Христа од царот Аврелијан и најпосле исечени. При нивните мачења многу чуда се покажале. Видувајќи ги нив, мнозина незнабожци се обратиле во верата, та некои од нив биле исечени во 273 година и примиле венци.

3. Св. Јаков Посник. Живеел во VI век. Толку се усовршил во богоугоден живот што ги лекувал со молитва и најтешките болни. Но непријателот на родот човечки наведувал на него силни искушенија. Така, еднаш била испратена при него развратна жена од некои шегаџии. Се преправала пред него и плачела за да го наведе на грев. Видувајќи дека ќе падне во грев, Јаков ја ставил својата лева рака во оган и ја држел дотогаш додека сета не се испекла. Видувајќи го тоа, жената се исполнила со страв и ужас, се покајала и го поправила својот живот. Но во друга прилика тој не му одолеал на искушението, туку паднал со една девојка, која нејзините родители ја довеле при него како налудничава да

ја исцели од лудилото. Тој навистина ја исцелил, но потоа згрешил со неа. Да би го скрил гревот, ја убил и ја фрлил в река. Како и обично: од блудот до убиството не е далеку. Десет години потоа Јаков поминал како покајник живеејќи во еден гроб. Познал дека Бог му опростил по тоа што еднаш на негова молитва заврнал дожд за време на голема суша од која страдале и луѓето и стоката. Еве пример, сличен на Давидовиот, како е опак лошиот демон; како по Божјо допуштение може да ги собори најголемите духовни горостаси и како пак на искрените покајници Бог по милосрдието им ги опростува и најтешките гревови, и не ги казнува кога тие самите себеси ќе се казнат.

РАСУДУВАЊЕ

Кога човечката филозофија може да го задоволи човекот, зошто тогаш филозофите Јустин и Ориген постанале христијани? Зошто Василиј и Златоуст и Григориј, кои во Атина ја проучиле сета елинска филозофија, примиле крштение? И Блажениот Августин, кој знаел за елинската и римската мудрост, зошто отфрлил сè и побарал спасение и светлина во верата Христова? И свети Климент Римски, кој бил многу богат и многу учен? И света Катерина, која била од царска куќа и ја познавала сета светска и египетска мудрост. И толку и толку други, кои прво барале објаснување на светските загатки и светлината на својата душа во филозофијата, а потоа пристапиле кон Црквата и се поклониле на Христа Господа?

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за тајната на причестување како присуство на Господа Исуса во црквата на земјата, и тоа:

1. како исполнување на Неговото ветување: „Еве, Јас Сум со вас до завршетокот на светот“;

2. како Негово непрестајно поддржување на верните на кои им рекол: „Без Мене не можете ништо да правите“.

БЕСЕДА
за двоумењето на Пилат

Оттогаш Пилат гледаше да Го пушти... И тогаш (Пилат) им Го предаде за да биде распнат (Јн. 19; 12, 16).

Од каде оваа противречност кај Пилата? Од каде оваа подвоеност на волјата кај еден ист човек? Додека стоеше под светлината на лицето Христово, Пилат од сѐ срце сакаше да Го пушти Праведникот. Но кога го обзеде еврејската темнина, тој се согласил со делата на темнината. Тоа е семе паднато во трње. Додека Христовото лице светело над семето, семето никнало; но штом семето останало без таа светлина, темнината од трњето го задушила. Додека Господ Исус господски му говорел на Пилат за Небесниот Цар, велејќи му: „Ти не би имал никаква власт над мене да не ти беше дадено одозгора“, се чувствувал победен од стравот на Бога. Но, кога еврејската толпа му викнала: „Ако го пуштиш овој, не си пријател на кесарот“, Пилат бил потполно победен од стравот на земниот цар. И стравот за телото го надвладеал стравот за душата, како што и ден-денешен тоа понекогаш се случува.

Пилат бил учен со светска мудрост. А светската мудрост не дава сила, туку влева страв. Светската мудрост не ја поддржува душата, туку телото. Светската мудрост не влева страв за душата, туку страв за телото и за сѐ она што е телесно. Еве кај Пилат еден јасен и жалосен пример: какви луѓе воспитува светската мудрост покрај Бога и наспроти Христа. Но Пилатовата слабокарактерна и колеблива душа не е слика само на незнабожците туку и на неутврдените христијани. Некои христијани секојдневно и неосетно, а честопати и несвесно, час сакаат да Го ослободат Христа од мрачниот и злосторнички еврејски инстинкт во себе, а час, пак, да Го препуштат на тој инстинкт на распнување. Тоа станува секогаш кога еден христијанин ќе погази некоја Христова заповед заради исполнување на некоја своја телесна желба. Некогаш светлината на таа заповед ќе го осветли колебливото срце на христијанинот, а некогаш телесната темнина толку ќе го обвитка што тој потполно ѝ се предава.

Долготрпелив Господи, не оттргнувај ја светлината на Твоето лице од нас ниту за еден миг за да не нѐ совлада

темнината. Да останеме деца на светлината до крајот. Господи, помогни ни; на Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

5 МАРТ

1. Св. мч. Конон Исавриски. Бил поучен во верата Христова и крстен во името на пресветата и животворна Троица од самиот архангел Михаил. И до неговата смрт непоколебливо го следел овој архистратиг Божји. Бил просветлен и ојачан со благодатта на Светиот Дух, па срцето не му се влечело по ништо светско, туку само по духовното и небесното. Кога родителите со сила го ожениле, тој прво ја зел свеќа и ја ставил под сад, па ја запрашал својата невеста: „Што е подобро, светлината или темнината?“ Таа одговорила: „Светлината“. Тогаш тој почнал да ѝ говори за верата Христова и за духовниот живот како подобар и поубав од телесниот. Така успеал и неа, а потоа и своите родители да ги приведе во верата Христова. Тој и жена му биле како брат и сестра. Наскоро му умреле и родителите и жената, и тој се повлекол потполно од светскиот живот и се предал на молитва, пост и богомислие. Направил големи чуда, со кои мнозина обрати во христијанството. Меѓу другото, ги присилил лошите духови да му служат. При едно гонење бил фатен и мачен и целиот избоден со ножеви. Со неговата крв се помажувале болните и се исцелувале. Тој поживеал после тоа уште две години во својот град и се преставил пред Господа. Овој прекрасен светител поживеал и пострадал во II век.

2. Св. мч. Конон Градинар. Роден е од Назарет. Бил благ и незлобив и во сè на Бога угоден. Во времето на Дециевото гонење бил мачен за Христа. Но, тој останал цврст во верата, а незнабожечките судии остро ги разобличувал поради нивната глупост. Со клинци во нозете, врзан за предноста на кола, овој добар и незлоблив светител бил мачен сè дотогаш додека изнемоштен не паднал. Тогаш и последен пат Му се помолил на Бога и Му го предал својот дух во 251 година.

3. Преп. Исихиј Посник. Бил роден близу до Бруса во VII век. Но се оддалечил во една гора, наречена Мајонис, злогласна поради демонските привидувања. Таму си направил колиба и една црквичка во чест на св. апостол Андреј. Самиот ја оградил градината, што ја обработувал, да би по-

жел да живее од својот труд. Со својата молитва правел чуда. Прорекол дека по неговата смрт на тоа место ќе биде женски манастир. Еден месец пред смртта, го провидел и денот и часот на својата смрт. Во полноќ на прореченият ден луѓето ја виделе неговата колиба заблескана со необична светлина. И кога дошле, го нашле мртов. Погребан во црквата на св. Андреј, а подоцна св. Теофилакт еп. Амасиски го пренесол во градот Амасија. Завршил мирно и се преселил во Царството на својот Господ во 790 година.

4. Преп. Марко Подвижник. Аскет и чудотворец. Замонашен од својот учител св. Јован Златоуст во својата 40. година, Марко поминал уште 60 години во нитриската пустина во пост, молитва и пишување полезни книги. Го знаел целото ***Свето писмо*** наизуст. Бил многу милостив и плачел над бедата на секое Божјо создание. Еднаш, плачејќи, Му се помолил на Бога за слепото малечко на една хиена и малото прогледало. Од благодарност мајката хиена му донесла една кожа од овен. Но Светителот ѝ забранил на хиената во иднина да ги коле овците на бедните луѓе. Примал причест од рацете ангелски. Неговите беседи за духовниот закон, за покајанието, за трезвеноста итн. спаѓаат во првокласната црковна литература; ги пофалувал и самиот велик патријарх Фотиј.

РАСУДУВАЊЕ

Зошто некои добро образовани луѓе и крстени како христијани отпаѓаат од христијанството и паѓаат на филозофијата и на научните теории како на нешто повистинско од христијанството? Од две главни причини: или од сосема површно познавање на христијанството или заради гревот. Површното познавање на христијанството одбива од него, а гревот бега од Христа како злосторник од судија. Површните и порочни христијани честопати биле исто така и огорчени непријатели на христијанството како и незнабожците. Со површните и порочните е поугодно да се капеш во барата на човечките мислења отколку во опасната Христова длабочина. Бидејќи оние кои искрено ќе тргнат по Христа Исуса непрестајно ги повикува на сè поголема длабочина како некогаш апостолот Петар: „Заплови во подлабоко!“ Свети Марко Подвижник пишува дека законот Божји се разбира сходно со исполнување на Божјите заповеди. Незнаењето го

тера (човекот) да зборува спротивно на она што е корисно, а дрскоста ги умножува пороците.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за тајната на причестување како тајна на совршена љубов, и тоа:

1. заради тоа што таа од Христова страна значи давање себеси на Своите верни;
2. заради тоа што верните од своја страна со вера и доверба Го примаат Христа во себе;
3. заради тоа што таа води кон радосно, плодотворно и спасоносно соединување на Бога со човекот.

БЕСЕДА
за пловењето со Христа во длабочината

Заплови во подлабоко (Лк. 5:4).

Така му нареди Господ на Петар и на останатите апостоли кога престана да зборува. Тоа значи дека Он првин дава поука, па веднаш потоа повикува на дело. Истото тоа важи и за нас: штом ќе научиме нешто од ***Евангелието***, веднаш треба да појдеме тоа да го оствариме. Учениците–извршители му се мили на Господа, а не само учениците.

Заплови во подлабоко! Покрај брегот, од плиткото, му говореше Исус на народот кој е помалку посветен во тајните на царството Божјо, а апостолите Он ги повикува во подлабокото. Во плиткото опасноста е помала, но помал е и ловот. Во плиткото се змиите и жабите и други помали водни гадинки – тоа е целата опасност; и во плиткото се само малите риби – тоа е целиот лов. А на поголема длабочина и опасноста е поголема. Таму се големите морски ѕверови и големите бури – тоа е опасноста, но таму се и големите и добри риби во огромни количини – тоа е ловот. О посветени, тогаш ајде во длабочината!

Заплови во подлабокото на таинственото животно море, но не поаѓај без Христа на своето бротче. Никако. Бидејќи не само што можеш да ја поминеш целата ноќ од својот живот не уловувајќи ништо како што се жалеше Петар;

„Целата ноќ се трудевме и ништо не уловивме". Не само тоа, туку можеш и полошо да си поминеш, ако Христос не е на бродот. Бурите можат да те насучат и да те фрлат во бездната, можат да те изедат и големите морски ѕверови. Бурите, тоа се твоите сопствени страсти, и посветени, кои одат неминовно со тебе, ако испловиш во подлабокото без Христа. Големите морски ѕверови се демоните што за миг можат да те упропастат како што го упропастија за миг големото стадо свињи од две илјади.

Пловиш ли со Христа во длабокото, не плаши се од ништо, но радосно и храбро оди припиен врз Господа. Ќе уловиш најдобар лов и со него ќе ги наполниш обата брода, и телесниот и духовниот. Најдобар лов ќе уловиш, о посветен, и без опасност ќе излезеш на брегот на Царството Христово. Само никаде без Христа! Ни во плиткото, ни во длабокото. Во плиткото ќе ти досади и гладот и гадот, а во длабокото преголемо зло ќе те снајде.

Ти си наш кормилар, наша одбрана, наше пристаниште, о семоќен Сапсителу! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

6 МАРТ

1. Св. 42 маченици од Амореја. Овие биле војводи на византискиот цар Теофил. Кога царот Теофил ја изгубил битката против Сарацените околу градот Амореја, Сарацените го зазеле градот, убиле мнозина христијани, меѓу кои и овие војводи. Останатите христијани, или ги испотепале, или ги продале во ропство, а војводите ги фрлиле во самица, каде што самувале седум години. Повеќепати доаѓале муслиманските главатари да ги советуваат да ја примат верата на Мухамед, но војводите не сакале ни да чујат за тоа. Кога Сарацените им говореле на војводите дека Мухамед е вистинскиот пророк а не Христос, војводите ги запрашале: „Ако двајца луѓе би се препирале за една нива, па едниот да рекол: *Моја е нивата*, а другиот: *Не е, туку е моја*, притоа еден од нив имал многу сведоци дека нивата е негова, а другиот немал ниту еден сведок, освен самиот себе, што би рекле вие; чија е нивата?" Сарацените одговориле: „Навистина на оној што има многу сведоци!" „Право пресудивте", им одговориле војводите. „Така е со Христа и со Мухамеда.

Христос има многумина сведоци, старите пророци, кои и вие ги признавате, кои сите од Мојсеја до св. Јован Претечата сведочат за Него, а Мухамед самиот за себе сведочи дека е пророк и нема ниеден сведок". Се посрамиле Сарацените, но тогаш пак се обиделе да ја бранат својата вера вака: „Дека нашата вера е подобра од христијанската се гледа по тоа што Бог нам ни ја даде победата над вас и ни ги даде најдобрите земји во светот, и царство многу поголемо од христијанското". На тоа војводите одговориле: „Ако би било така, тогаш и идолопоклонството египетско, и вавилонско, и елинско, и римско, како и огнопоклонството персиско, би биле вистинити вери, оти во едно време секој од овие народи ги победувале останатите и владееле над нив. Очигледно е дека вашата победа и сила и богатство не ја докажуваат вистинитоста на вашата вера. А ние знаеме дека Бог некогаш победата им ја дава на христијаните, а некогаш допушта маки и страдање да ги исправи и да ги приведе кон покајание и очистување од гревовите". По седум години, биле искасапени, во 845 година. Телата им биле фрлени во раката Еуфрат, но испливале на другиот брег каде што христијаните ги собрале и чесно ги погребале.

2. Блажениот Јов. Роден во Москва во 1635 год. Пеењето и службата црковна го привлекле кон Црквата. Му станал духовник на царот Петар Велики, но поради некоја клевета се оддалечил во Соловецкиот манастир каде што цврсто се подвизувал. Се упокоил во Господа во 1720 година, во својата 85. година. Пред смртта извикал: „Благословен е Бог на нашите отци! Па кога е така, не се бојам, но со радост заминувам од светот".

3. Св. мч-ци Конон таткото и Конон синот. Таткото бил веќе старец, а синот момче од 17 години. Во времето на Дометијан биле со пила заклани поради верата Христова и се прославиле во Црквата на земјата и на небото. Чесно пострадале во 275 година.

РАСУДУВАЊЕ

Додека си на земјата, сметај се себеси за гостин кај Домаќинот Христос. Ако си на масата, тоа Он те почестува. Ако дишеш воздух, Неговиот воздух го дишеш. Ако се капеш, во Негова вода се капеш. Ако патуваш, по Негова земја патуваш. Ако собираш имот, неговиот го собираш; ако рас-

фрлаш, неговиот го расфрлаш. Ако си моќен, според Негово допуштање си моќен. Ако си во друштво на луѓе, ти си во друштво на останатите Негови гости. Ако си во природа, во Неговата градина си. Ако си во самотија, Он е присутен. Ако било каде тргнеш, Он те гледа. Ако било што направиш, Он памети. Он е највнимателниот Домаќин кај Кого ти, кога било си гостувал. Биди и ти внимателен кон Него. Кај добриот домаќин и гостинот треба да биде добар. Ова се сè прости зборови, но тие ти кажуваат голема вистина. Сите светители ја знаеле таа вистина и според неа го управувале својот живот. Затоа бесмртниот Домаќин ги наградил со вечен живот на небото и со слава на земјата.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за тајната на причестување како животворен лек за душата и за телото, и тоа:

1. како лек што ја лекува и ја чисти душата од гревовната болест и ја оживува;
2. како лек што го лекува и го чисти телото од похотта и порокот, и го оживува;
3. како лек којшто, оживувајќи го човекот, го прави здрав член на бесмртното тело Христово, кој пак, ако до крај остане распадлив, би бил отсечен и фрлен.

БЕСЕДА
за наследникот и за робот

Наследникоӣ додека е млад, со ништо не се разликува од робоӣ (Гал. 4:1).

Додека принцот е во лулка, колку е подобар од синот на робот? Ниту неговото тело е подобро, ниту неговите мисли се повозвишени, ниту неговите желби се почисти. Каков е синот на царот, таков е и синот на робот, таков е и синот на просјакот. И по неколку години, синот на царот не се разликува од синот на робот. Кога, пак, синот на царот ќе порасне и со полна свест за своето достоинство ќе ја прими власта над царството, а кога синот на робот ќе порасне и со полна свест ќе подлегне на ропскиот јарем, тогаш ќе се види големата разлика. Тогаш јасно се објавува дека наследникот

и робот не се еднакви, зашто робот треба да робува, а царот да владее.

Така е и со христијанинот и нехристијанинот, сака да каже апостолот. Нехристијанинот робува на природата, христијанинот владее со природата. И нехристијанскиот период од историјата на човечкиот род покажува дека човекот бил роб на стихиите, роб на телото, роб на идолите и на созданијата. А христијанскиот период од историјата на човечкиот род покажува како човекот е господар и владетел, принц од царски род и наследник на сѐ.

Дури и оние кои знаеле за едниот и вистински Бог, како што биле Израилците, не биле кон Бога како деца и наследници кон својот татко, туку како робови и слуги кон господарот и судијата. А кога се приврши времето и на земјата дојде Синот Божји, Единороден, Он направи да примиме посинување, и со Духот Божји гоословуваме Бога со: „Ава Оче!“

Зошто дојде Христос на земјата, браќа? Да нѐ направи подобри од робовите, да ни даде право како синови и должност како господари. Право на синовите е со името Христово да Го викаат Бога: Отец, а должност на господарите е да владеат со себе, над своето тело, над своите мисли и желби и над целата природа околу себе.

Сине Божји, Единороден, со Твојата милост и жртва, ние примивме посинување; помогни ни и со Твоја помош да го одржиме во чистота и вистина до крајот. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

7 МАРТ

1. Седум свешт-мч. херсонски: Василиј, Ефрем, Евгениј, Елпидиј, Агатодор, Етериј и Капитон. Сите биле епископи во Херсон во разни времиња и сите пострадале (единствено Етериј умрел мирно) од неверниците, било од Евреи или од Грци или од Скити. Сите тие оделе во тие диви краишта како мисионери, испраќани од патријархот Ерусалимски да ја пренесуваат евангелската светлина. Сите биле намачени и пострадале заради својот Господ. Василиј го воскреснал синот на некој кнез во Херсон. Тоа ги огорчило Евреите, та го тужеле. Бил врзан за нозете и влечен по градските улици додека душата не ја испуштил. Ефрем бил со

меч исечен. Евгениј, Елпидиј и Агатодор биле тепани со стапови и со кмења додека своите души на Бога не Му ги предале. Етериј поживеал во времето на Константин Велики, та во слобода и мир управувал со црквата, изградил голем храм во Херсон и завршил мирно. Кога последниот од нив, Капитон, бил испратен за епископ, дивите Скити побарале од него знак, па да веруваат. И самите му предложиле да влезе во огнена печка, па ако не изгори, тие ќе поверуваат во Христа. Со топла молитва и надеж на Бога Капитон го ставил архијерејскиот омофор на себе и прекрстувајќи се влегол во вжарената печка, држејќи го срцето и мислите свои издигнати кон Бога. И останал во пламенот околу еден час, и без никаква повреда ни на телото ни на облеката излегол здрав. Тогаш сите повикале: „Еден е Бог, Богот христијански, велик и силен, Кој го сочува Својот служител во огнената печка!“ И се крстил целиот град и целата околина. За ова чудо се раскажувало многу на Никејскиот собор. И сите Го прославиле Бога и ја пофалиле цврстата вера на св. Капитон. А на Капитона му се случило на патот да го фатат кај реката Дњепар незнабожечките Скити и во реката го удавиле. Сите пострадале во почетокот на IV век.

2. Преп. Емилијан. Се родил во Рим и направил многу потешки гревови во својата младост. Но кога се отрезнил од грешењето и дошол на себеси, треперел од самата помисла на Страшниот Божји суд. Стапил во некој манастир, та со пост, бдеење и послушание го скротил и го исушил своето тело. Во секој добар подвиг им бил пример на сите браќа. Често ноќе излегувал од манастирот и одел во една блиска пештера на молитва. Не знаејќи каде тој оди, игуменот на тој манастир тајно тргнал по него една ноќ. И го видел игуменот Емилијана како со страв и плач стои на молитва. Наеднаш небесна светлина, посилна од Сонцето, ја осветлила целата гора, а особено пештерата и Емилијана. И се чул глас од небото: „Емилијане, ти се опростуваат гревовите твои!“ Го фатил ужас игуменот и побегнал во манастирот. Утредента тој објавил за сето видено и слушнато во минатата ноќ. И бил Емилијан во големо почитување кај браќата, и поживеал долго и се упокоил во Господа[2]).

---

[2]) Под оваа дата во грчкиот *Голем Синаксар* се споменува и св. Лаврентиј, ктитор на манастирот „Фанеромен“ на островот Саламини. Живеел во Мегара како женет човек со два сина. Бил праведен и побожен. На сон му се јавила Пресвета Богородица и му наредила да оди во

РАСУДУВАЊЕ

Дебелата ортома е направена од тенки конопни влакна. Едно тенко влакно не може да те држи врзан ниту може да те задави. Бидејќи ти лесно, како од шега, ќе го искинеш и ќе се ослободиш. Но, ако со дебела ортома те врзат, ќе бидеш врзан дури и задавен. Ниту можеш лесно да ја прекинеш, ниту можеш да се ослободиш. Како што дебелата ортома постанува од тенки влакна, така човечките страсти постануваат од малите почетни гревови. Малите почетни гревови човекот уште и може да ги прекине и да ги остави. Но грев по грев, повторувано, ткаењето постанува сè појако и појако додека најпосле не се создаде страста што потоа од човекот прави зависник каков што само таа може. Не можеш лесно ни да ја отсечеш ни да ја оддалечиш од себе, ниту да се разделиш од неа. О кога луѓето би се варделе од почетните гревови, тогаш толку не би се мачеле околу ослободувањето од страстите. „Да се пресечат вкоренети страсти е исто толку тешко колку да се пресечат прстите", рекол еден светогорски монах. Св. Емилијан да се ослободи од гревовните страсти му помогнала помислата на смртта и, се разбира, Божјата благодат, без која тешко се ослободува од оковите на страста. Да се мисли често на блиската смрт, да се кае и од Бога да се проси сесилна благодат. Овие три работи го спасуваат човекот од робувањето на страстите. Го прашале св. Сисое, за колку време можат да се искоренат страстите? Светителот одговори: „Штом ќе никне една страст во тебе, веднаш да ја искорениш".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса на молитва во Гетсиманија, и тоа:

Саламини, и на тоа и тоа место да го обнови нејзиниот храм. Тој отишол и навистина таму нашол урнатини и направил нова црква. Овде се замонашил и го завршил својот живот на 7 март 1770 година. Многу чуда се случиле потоа во тој манастир над моштите на св. Лаврентиј,

1. како паѓа на Свето лице и се моли во три наврати: „Оче, ако е можно да ме одмине оваа чаша, но сепак – нека биде волјата твоја“;

2. како се потеше и Неговата пот беше како капки од крв што паѓаа на земјата;

3. како сетоа тоа беше заради мене и тебе, заради мојот и твојот грев, и заради моето и твоето спасение.

БЕСЕДА
за раката на предавникот

Но, еѿе, ракаѿа на оној шѿо Ме ӣредава е со Мене на ѿрӣезава (Лк. 22:21).

Најтешко на еден војвода му е да војува кога има внатрешен непријател, во логорот; не само однадвор, туку однатре, помеѓу своите. Јуда го сметале помеѓу своите, меѓутоа, тој бил внатрешен непријател. Наоколу се збивале и згуснувале редовите на Христовите непријатели, а однатре тој подготвувал предавство. Неговата рака била на трпезата што Христос ја благословил, а мислите му биле таму, помеѓу непријателите каде што најцрно злосторство, омраза и пакост вриеле против кроткиот Господ.

Но зар и денес не е раката на многу предавници Христови на трпезата заедно со Него? Бидејќи која трпеза не е Христова? На која трпеза не се Неговите дарови? Он е домаќин, Он ги гоштава и ги пои Своите гости. Ништо гостите немаат свое, ништо! Секое добро и секое изобилство што им се дава им се дава од раката Христова. Зар не е Христос присутен на секоја трпеза како домаќин и како слуга? И зар не се рацете на сите оние кои и денес Го предаваат заедно со Него на трпезата? Го јадат Неговиот леб, а зборуваат против Него. Се греат со Неговото сонце, а Го клеветат Неговото име. Го дишат Неговиот воздух, а стануваат против Неговата црква. Живеат од Неговата милост, а Него го изгонуваат од своите домови, своите училишта, своите судови, од своите книги, од своите срца. Ги газат Неговите заповеди волно и злобно; се изигруваат со Неговиот закон. Зар тоа не се предавници Христови и следбеници на Јуда? Но, не плаши се! Бог не наредил да им се плашиме и да чекаме да им го видиме нивниот крај. И Господ Христос не се исплашил

од Јуда, ниту Он се плаши од сите предавнички орди до крајот на времето. Бидејќи Он го знае нивниот крај, и Он веќе ја има Својата победа во Свои раце. Не плаши се, ни ти. Но придржувај се верно кон Христа Господа и кога ќе ти се чини дека Неговото учење во светот напредува и кога пак ќе ти се чини дека Неговото учење пропаѓа и гине. Не плаши се. Бидејќи, ако се исплашиш, твојата рака може да се најде стегната под раката на Јуда на трпезата Христова.

О Господи, Сепобедителу, поддржи нè со силата и со твојата милост. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

8 МАРТ

1. Св. Теофилакт еп. Никомидиски. Кога првиот царски советник Тарасиј бил како световник избран за патријарх Цариградски, тогаш со него и од него примиле монашки чин повеќе негови пријатели и почитувачи од световниот сталеж. Меѓу овие бил и овој Теофилакт. Тарасиј го испратил за епископ во Никомидија. Како епископ, Теофилакт бил добар пастир на стадото словесно и се покажал необично исполнет со милосрдие кон бедните и сиромасите. По смртта на св. Тарасиј, патријаршискиот престол во Цариград го зазел Никифор, а малку потоа царскиот престол го зазел Лав Ерменецот, кој бил иконоборец, и како таков кренал цела бура во Црквата Христова. Иако иконоборната ерес била проколната на VII вселенски собор, овој цар, сепак, ја воспоставил и сакал со неа да го замени православието. Свети Теофилакт отворено му се спротивставил на царот, па кога царот не попуштил, му рекол св. Теофилакт: „Ќе дојде, цару, на тебе остра погибел одненадеж и нема да најдеш никој да те избави од неа!“ Поради овие зборови св. Теофилакт бил со царска наредба тргнат од својата положба и испратен во заробеништво каде што поминал 30 години, поднесувајќи многу притеснувања и навреди, и каде, на крајот, Му ја предал душата своја на Господа околу 845 година.

2. Свешт-мч. Теодорит[3]). Царот Константин во Антиохија изградил соборна црква со посебна убавина. Оваа

---

[3]) Во грчкиот *Синаксар* св. Теодороит се споменува на 3 март.

црква народот ја нарекол „златна црква“ поради позлатата и однадвор и однатре и поради многуте садови во црквата од злато и сребро. И царот ѝ подарил големи имоти на таа црква за издржување на свештениците, чиј број бил поголем. Чувар на оние садови и на сите драгоцености во црквата бил презвитерот Теодорит, свештеник со голема вера и ретко благочестие. Кога Јулијан Отпадникот почнал да царува, иако бил крстен, се одрекол од Христа и покренал гонење на христијаните. Неговиот стрико, пак, со името Јулијан, дошол во Антиохија и ја ограбил златната црква, а Теодорита како ризничар го зел на суд и го советувал да се одрече од Христа. Не само што Теодорит не сакал да се одрече од својот Господ, туку го нагрдил царот Јулијан бидејќи тој отпаднал од вистинската вера и се повратил на идолопоклонство како пес на повратено. Кога лошиот судија од бес и омраза измокрил во златната црква, Теодорит му прорекол ужасна смрт, која наскоро и го снашла. Теодорит бил со секира исечен за Христа, а судијата Јулијан почувствувал болки во долниот дел на телото од оној миг кога се измокрил во црквата. И целото долно тело му го разјале црви, та ја повратил својата отпадничка душа во најгрозни маки. Така и Феликс, неговиот помошник, според пророштвото на св. Теодорит, завршил набргу, откако по исечувањето на овој праведник му потекло крв од устата. Светиот Теодорит бил обезглавен во 362 година и се преселил во преславното Царство на Царот Христос.

РАСУДУВАЊЕ

Биди доверлив кон Бога повеќе отколку кон мајката: сѐ да Му исповедаш Нему – нема да те предаде; сите Негови заповеди прими ги веднаш како добри – нема да те измами. Но колку што се довеуваш на Бога, толку биди внимателен кон непријателот, кон телото, светот и демонот. Сето тоа подобро го изразил чудниот Божји светител Ефрем Сирин, велејќи: „Во примањето на Божјите заповеди имај простотија, а во одбивањето на противничките сплетки – биди лукав (гулаб и змија)“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса во Гетсиманската Градина, и тоа:

1. како повторувајќи, им заповеда на учениците да бдеат и да се молат на Бога;

2. како Он трипати станува од претешката молитва, ги обиколува учениците и ги наоѓа да спијат;

3. како ги снајде несреќа затоа што Го оставија својот Учител и сите се разбегаа, бидејќи не беа подготвени да и се спротивставаат на стравот од луѓето;

4. како сме и ние мрзливи и не бдееме, и не се молиме на Бога, заради што кога ќе наиде искушението ние Го напуштаме Господа Христа.

БЕСЕДА
за видот на очите и видот на духот

И по вид се покажа како човек (Филип. 2:7).

Тоа го вели апостол Павле, оној ист апостол кој за Господа Исуса рекол дека „е образ на невидливиот Бог, првороден пред секоја твар" (Колосј. 1:15) и дека „во Него телесно живее сета полнота на Божеството" (2:9). Тоа е Господ по суштина и по внатрешното Свое битие, но по вид се покажа како човек. Луѓето на кои срцето им е скаменето и умот помрачен ги распознаваат предметите околу себе само со очите. Такви луѓе во оние дни погледаа со очите и Го видоа Исуса како човек и не им се даде ништо друго да дознаат за Него, освен она што со телесните очи го видоа. Телесни луѓе погледаа во Исуса и видоа тело, но во тоа тело не Го видоа ни Бога ни човекот (идеален и безгрешен).

И денес, кој суди само спрема тоа што го гледа, одрекува од Исуса сè она што може да го види и кај останатите луѓе. Никој не може за Господа да каже правда, којшто само со очите Го цени. Она што очите можат од Него да видат, тоа е една мала завеса зад која се кријат вечните тајни на небото и најголемите тајни на времето и на земјата. Но, да се види тоа што се крие во Него зад телесната завеса, за тоа треба да се има духовен вид, т.е. Дух Божји во срцето свое, Дух што ја откачува завесата и ги покажува тајните.

Господи, најслатка Тајно, удостој нè со посета на Твојот Свет Дух. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

9 МАРТ

1. Св. Четириесет маченици во Севастија – МЛАДЕНЦИ. Сите овие биле војници во римската војска, но цврсто верувале во Господа Исуса. Кога настанало гонењето во времето на Ликиниј, тие биле изведени на суд пред војводата и овој им се заканил дека ќе им ја одземе војничката чест, на што еден од нив, св. Кандид, одговорил: „Не само честа војничка, туку и телата наши земи ги од нас; ништо не ни е помило и почесно од Христа нашиот Бог". Потоа, војводата им наредил на слугите со камења да ги удираат светите маченици. Но кога слугите фрлале камења на христијаните, камењата се враќале и паѓале врз самите нив, и многу ги повредиле. Еден камен му паднал на војводата на лицето и му ги скршил забите. Мачителите, лути како ѕверови, ги врзале светите маченици и ги фрлиле во езерото и поставиле стража наоколу ниеден да не излезе. Бил страшен студ и езерото се смрзнувало околу телата маченички. За маките да бидат појаки, мачителите загреале и осветлиле бања на крајот на езерото, на оглед на смрзнатите страдалници за некако да го измамат некого од нив да се одрече од Христа и да ги признае римските идоли. Навистина, еден се измамил, излегол од водата и отишол во бањата. Но ете, ноќта паднала необична светлина од небото. Таа ја загреала водата во езерото и телата маченички, а со таа светлина се спуштиле од небото 39 венци на нивните глави. Тоа го видел еден стражар од брегот, па се соблекол, Го исповедал името на Господа Исуса и влегол во езерото да би се удостоил на оној четириесеттиот венец на местото на предавникот. И навистина, врз него слегол последниот венец. Утредента сиот град се изненадил кога ги видел мачениците живи. Тогаш лошите судии наредиле, та им ги прекршиле колената, и телата нивни ги фрлиле во водата за христијаните да не ги земат. Третиот ден мачениците му се јавиле на месниот епископ Петар и го повикале да ги собере по водата и да ги извади нивните мошти. Излегол епископот по темнината ноќна со својот клир и виделе на водата кај се светлат маченичките мошти. И секоја коска што била одвоена од те-

лата нивни испливала на површината и светела како свеќа. Ги собрале и чесно ги пограбиле. А душите на овие маченици отишле кон Господа Исуса, Намачениот за сите нас и Воскреснатиот со слава. Чесно пострадале и со неминлива слава се овенчале во 320 година.

2. Преп. Филором Исповедник. Живеел и се подвизувал во Галатија во IV столетие. За него велат дека бил толку совршен во сите добродетели што повеќе личел на ангел отколку на човек. Особено бил прославен со своето трпение. Бил гонет од царот Јулијан Отпадник и многу страдал за Христа. Но по смртта на овој опак христогонител, св. Филором поживеал мирно, им користел на мнозина и се упокоил во својата 80. година.

3. Св. Кесариј. Брат на св. Григориј Богослов, (+ 369 година). Св. Кесариј бил и богословски писател. Меѓу другото, тој се грижел да одговори на прашањето: колку време поминале Адам и Ева во Рајот пред изгонувањето. Некои го определувале тоа време на шест часа, други на 24 часа, трети на три дена. Свети Кесариј мислел дека тоа време било 40 дена. Поради тоа, вели, и Господ Исус постел 40 дена во пустината и бил за тоа време искушуван од ѓаволот. Па додека стариот Адам не можел да им одолее на искушенијата ѓаволски во рајското изобилие, Новиот Адам им одолеал витешки во гладната и жедната пустина.

РАСУДУВАЊЕ

Криј го своето духовно благо и не објавувај го без потреба. Погледни како луѓето го кријат своето материјално благо и како кога се принудени да кажат колку имаат, секогаш ја прикриваат главната сума, а објавуваат помалку. Многу е мал бројот на луѓето кои сакаат да објават сѐ што имаат, а уште помал е бројот на оние кои објавуваат дека имаат повеќе отколку што навистина имаат (и овие светот ги смета за несериозни и неразумни). Со ова јасно ти е кажано тебе како треба да го криеш своето духовно богатство, т.е. твоите добродетели и твоите добри дела, твоите постови и бдеења и молитви. Зошто мудрите деца на овој свет не ги објавуваат своите материјални блага? Од две причини: да не слушнат крадците и да не предизвикаат завист кај злобните луѓе. Има крадци и завидливци и кон духовното богатство. Тоа се духови на злобата. Штом ти го објавиш, тие ќе се по-

трудат да ти го смалат и да ги растурат. Заправо, штом си го објавил без потреба (да речеме од суета, да се пофалиш), тие го зграбиле и го растуриле. И ти, богаташот на духовно благо, неосетно и одненадеж ќе постанеш просјак. Многу духовни богаташи, светители се правеле безумни пред светот за со привидното безумство да ја скријат големата мудрост и сила во себе. Ава Исаија пишува: „Пријатни Му се на Бога добродетелите што се прават во тајност". А св. Нил Синајски вели: „Покриената кожа на телото е бела, а откриената – изгорена и црна". Така е и со нашите скриени и објавени добри дела.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса во рацете на Божјите непријатели, собрани во домот на Кајафа, и тоа:

1. како сите забрзано бараат лажни сведоци, бидејќи сакаат набрзина да Го убијат Христа;
2. како Го плукаат во лицето и Го удираат по лицето;
3. како Господ поднесува сè со неискажано достоинство и без гнев.

БЕСЕДА
за трпението до крај

Но, кој йрейрйи до крај, ќе биде сйасен (Мт. 10:22).

Господи пречуден, Ти сè си претрпел, сè до крај, па затоа Си постанал не само блажен, туку и извор на блаженство за сите луѓе кои себеси си посакуваат добро низ вечни векови!

И апостолите претрпеа сè до крај и влегоа во вечно блаженство.

И мачениците Христови ги претрпеа сите маки до крај и постанаа посинети сонаследници во царството Христово.

И светителите претрпеа доброволни маки и страдања до крај, па се прославија и на небото и на Земјата.

Секој основач на ново друштво си прибира кон себе следбеници со ветување на добри плодови и многу наслади,

но ги премолчува сите тешкотии и маки што водат кон тие плодови и тие наслади. Единствено Господ Исус му ја кажал сета вистина на Своите следбеници, и горката и слатката страна на вистината. Он не ветувал плодови без служба, ниту слава без страдање, ниту краен одмор без трнлив пат, ниту победа без борба, ниту сласт без горчина, ниту царство без солзи и самоодрекувања.

Кога ги наброи многуте маки што ќе ги снајдат Неговите последователи, Он најпосле не ги остави без утеха. Он му дава смисла на нивното страдање и не ги остава во темнина. Он вели: „Но, кој претрпи до крај, ќе биде спасен". Какво е тоа благо што ги чека оние кои ќе претрпат сè до крај? Он самиот доволно открил, а тоа го посведочиле, и до денеска го сведочат, многу светители кои или им се јавија на верните од оној свет во слава или, пак, уште додека беа во тело се воздигнаа со духот до видувањето на онаа слава и на она блаженство што ги чека верните, избраните и истрајните.

Господи, Ти си наша сила. Помогни ни да претрпиме до крај со вера дека Ти си со нас. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

10 МАРТ

1. Св. мч. Кодрат Коринтски и други со него. За време на гонењето на христијаните, многумина верни се разбегале по планините и пештерите. Така направила и мајката на овој Кодрат. Но, токму во тоа време таа била бремена, та во шумата го родила Кодрата, па наскоро потоа умрела. По промисла Божја и со ангелот хранител, чуван, хранет и воден, Кодрат пораснал во природа и осаменост. Оној Кој им давал мана од небото на Израилот во пустината, му пуштал на чедото Кодрат слатка роса од облакот на уста. Кога наполнил 12 години, тој слегол во градот и таму некои добри луѓе го возљубиле и го дале на науки. Тој го изучил лекарството, та ги лекувал болните, колку со природни лекови толку, и уште повеќе, со духовна сила и со молитва, на која се привикнал од детството. Кога настанало новото гонење под Декиј, Кодрат бил изведен на суд и бил фрлен во самица. Но и пет негови другари му се придружиле нему и Го исповедале името Христово. Тоа биле: Кипријан, Диони-

сиј, Анект, Павле и Крискент. Сите биле влечени по улиците и од незнабожците, особено од нивните деца, со стапови и камења тепани додека не ги довлекле на губилиштето. Тука мачениците Му се помолиле на Бога и биле со меч исечени. На тоа место избил извор вода од земјата, кој и денес се вика со Кодратовото име и потсетува на јуначката смрт за Христа на светите шесточисленици. Чесно пострадале за вистината во 250 година во Коринт, во времето на Декиј и на неговиот намесник Јасон.

2. Св. мч. Кодрат Никомидиски. Овој бил благородник и богаташ, а во исто време бил убеден и крстен христијанин. Во времето на гонењето, кога Валеријан затворил мнозина христијани во самица, Кодрат ги потплатувал самичарите, та влегувал во самицата, им донесувал на затворениците разни потребштини и ги утврдувал во верата. Кога биле изведени пред судијата и запрашани од него за името, за татковината и за сталежот, тие молчеле. Тогаш зад нив се појавил Кодрат, кој викнал на цел глас: „Христијани сме по име, слуги на Господа Исуса Христа по чин и по благородство, а наш град и татковина е небото". После оваа изјава и тој бил ставен под суд и по долгите и тешките тормозења, бил исечен со останатите.

3. Преп. мајка Анастасија, патриција и дама на дворот на царот Јустинијан. Кога останала вдовица и кога видела дека царицата Теодосија не ја трпи, таа наеднаш се изгубила од Цариград и се нашла во египетската пустина. Прочуениот духовник ава Даниил ја потстрижал и ја објавил како монах Анастасиј шкопец, по нејзина желба, за како жена под машки вид полесно да се спаси, а и од царските трагања по неа да се скрие. И се затворила Анастасија во тесна келија каде што поминала 28 години, и каде се упокоила во 563 година. Пред смртта, старецот Даниил го видел нејзиното лице светло како сонце.

РАСУДУВАЊЕ

Кога 42 грчки војводи од Амореја биле во агарјанската темница (види, 6 март), им дошле некои од мухамеданските мудреци да ги посоветуваат да ја примат Мухамедовата вера за да добијат слобода. Овие мудреци им истакнале на христијанските војводи две предимства на исламот над христијанството: прво, дека Мухамед е понов пророк од

Христа и второ, дека мухамеданците од сите страни носат победи над христијаните, со што Бог јасно ја покажува вистинитоста на нивната вера. На првата точка, војводите одговориле: „Ако двајца се судат за една нива, па едниот има многу сведоци, а вториот нема сведоштво од никого, освен своето сопствено тврдење, што мислите, чија е нивата?“ На ова агарјаните одговориле: „Секако, нивата е на оној кој има многу сведоци“. На тоа војводите рекле: „Самите пресудивте за Христа, а против Мухамеда, бидејќи Христос за себе ги има за сведоштво сите пророци и апостоли, а Мухамед сведочи самиот за себе“. На втората точка војводите одговориле: „Ако вистинитоста на верата се цени според победите во војните, тогаш би значело дека сите идолопоклонички народи, кои одвреме–навреме го победувале светот, како Персијанците, Грците, Римјаните и други би ја имале вистинската вера! Тоа ни вие мухамеданците нема да го признаете. И тоа што сега сте ги победиле христијаните, тоа не значи дека вашата вера е подобра, туку дека се големи нашите гревови заради кои Бог преку вас нè казнува“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса на судот пред Кајафа, и тоа:

1. како јудејските старешини насекаде бараа лажни сведоци;
2. како сведоците сведочеа противречно;
3. како Господ ги слушаше сите клевети и молчеше без гнев.

БЕСЕДА
за објавените тајни

Зашто нема ништо скриено, што не ќе се открие, или тајно, а да не се узнае (Мт. 10:26).

Има едно око, браќа, кое никогаш не спие. Тоа е Божјото око. Има на небото, браќа, повеќе очи отколку ѕвезди на небесниот свод. Тоа се очите ангелски. Никаква завеса, никаков ѕид, ни мрак не можат да скријат каква било тај-

на на Земјата од тие очи. Пред Бога, Кој сè гледа и пред Неговите свети ангели сè е откриено и јавно. Злосторник станува оној човек кој ќе поверува дека делата човечки можат да се скријат. Така мислеле и еврејските старешини кои во тајност го подготвуваа своето злосторство над Христа Господа, тајно Го гонеа, тајно Го судеа, во ноќната темнина тајно најмуваа и потплатуваа лажни сведоци, како и Јуда, и тајно Го осудија. Каде се денес тие нивни тајни? Сè постанало јавно за целокупниот свет. Побргу човекот ќе се скрие од воздухот отколку од погледот Божји. Сите тајни на човечкиот род, и добрите и лошите, се откриени пред Бога; а многу од тие тајни Бог ги открива на целокупниот свет според Својата промисла. Луѓето кои можат да ја разберат оваа вистина, дека Бог сè гледа и сè знае, внимателно се вардат од лоши тајни помисли на своето срце,. а камоли од лоши дела. Кога срцето и да те повлече кон зло, о човеку, сети се на тие зборови што не се од човек туку од Бога: „Нема ништо скриено што не ќе се открие". А ти што правиш добро во тајност, не малаксувај: секое твое добро е впишано на небото и ќе се објави во свое време.

Господи, Кој сè гледаш, помогни ни и спаси нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

11 МАРТ

1. **Св. Софрониј патријарх Ерусалимски.** Роден е во Дамаск од познати родители. Собирајќи ја светската мудрост, сепак не бил задоволен, туку отишол да ја собира и чисто духовната мудрост. Во лаврата на св. Теодосиј се нашол со инокот Јован Мосха, кого го зел за себе за учител, та заедно со него тргнал да ги посети манастирите и подвижниците во Египет. Лозинка му било: секој ден да научи повеќе од духовната мудрост. Сè што дознале запишале и потоа го издале во две книги под име „Лимонар" или „Цветник". Подоцна отишле во Рим каде што Мосха умрел, оставајќи му аманет на Софронија да го пренесе или на Синај или во лаврата на Теодосиј. Софрониј ја исполнил желбата на својот учител и му го пренесол телото во лаврата Теодосиева, а потоа се задржал во Ерусалим, кој токму во тоа време бил ослободен од Персијците. Присуствувал на враќањето на Чесниот Крст од Персија, којшто царот Ираклиј на

својот грб го внесол во Светиот Град. Стариот патријарх Захарија, повратен, исто така, од ропство, не поживеал долго, па кога се преселил во оној свет, го заменил Модест, а после овој (+ 643) го заменил блажениот Софрониј. Со особена мудрост и ревност тој управувал со црквата 10 години. Застанал во одбрана на православието од монотелитската ерес, која тој на соборот во Ерусалим ја осудил пред таа да биде осудена на IV вселенски собор. Го напишал житието на св. Марија Египќанката, го составил чинот на големото водоосветување и вовел во разни богослуженија некои нови химни и песни. Кога арапскиот калиф Омар го освоил Ерусалим, св. Софрониј го замолил да ги поштеди христијаните, коешто Омар прикриено и го ветил. Кога набрзо Омар почнал да ги ограбува и да ги злоставува христијаните во Ерусалим, св. Софрониј со мнозина верни Му се молел на Бога да го земе помеѓу живите на земјата, да не го гледа осквернувањето на светињите. И ја услишал Бог неговата молитва, го зел кај Себе во Своите небесни дворови во 644 година.

2. Св. мч. Пиониј и други со него. Свештеник смирненски. Пострадал во Смирна во времето на Декиевото гонење. Го осудиле на распетие, на што тој бил мошне радосен. И штом војниците го составиле крстот и го положиле на земјата, Пиониј самиот легнал на крстот, ги испружил рацете и им заповедал на војниците да му ги закован клинците во рацете. Крстот бил забоден во земјата наопаку и под главата маченичка запалиле оган. Имало многу народ наоколу. Свети Пиониј ги затворил очите и во себе Му се молел на Бога. Огнот не можел дури ни косата да му ја запали. Кога на крајот огнот се изгаснал и кога сите мислеле дека тој е мртов, св. Пиониј ги отворил очите и радосно извикал: „Боже, прими го мојот дух!“ и издивнал. Овој светител го напишал житието на св. Поликарп Смирненски, со кого сега заедно се весели во Царството Христово. Пострадал и се прославил во 250 година.

3. Преп. Георгиј Синаит. Игумен на гората синајска. Голем подвижник и праведник. Во пасхалната ноќ ангел Божји го пренесол во Ерусалим на службата Божја и го вратил истиот ден назад на Синај. Се упокоил мирно во VI век.

РАСУДУВАЊЕ

„Никакво добро не се прави само со наш труд, туку со силата и волјата Божја. Сепак, Бог изискува и од нас труд сообразен на Неговата волја". Ова се зборови на св. Варсонуфиј и на Јован. Малку зборови, но многу речено. Ние мораме да се трудиме за извршување и подготвување на секое добро, а дали некое добро ќе никне, ќе израсне и ќе донесе плод, тоа зависи од Божјата сила и волја. Ние ги ораме браздите, а Бог сее, ако сака. Ние ги чистиме садовите на духот, а Бог влева дух во тие садови, ако сака. Он може сè, ако сака. И Он сè сака, ако одговара на највозвишената целисходност, т.е. на Неговиот домострој за човечкото спасение. Толкувајќи ги зборовите Господови: „Бидете мудри како змии и незлобни како гулаби" (Мт. 10:16), св. Јован Златоуст пишува дека оваа заповед Господ им ја дал на учениците „за и тие самите во нешто да соработуваат, за да не се покаже сè како дело на благодатта и да не се мисли дека тие добиле *венци на слава* за ништо". И така, две работи се неопходни за наше спасение: нашиот труд и благодатната Божја сила.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса на суд кај Кајафа, и тоа:

1. како еврејскиот првосвештеник Го држи Господа внатре во својот дом, опкружен со луѓе кои се, исто така, лоши како и самиот тој;
2. како Петар седи надвор во двориштето крај огнот и како пред слугите трипати се одрекува од Господа Исуса;
3. како што и денес се случува некои христијани, од страв од светот, да се одречат од Господа на тој начин што се преправаат дека не се христијани, дека не ги знаат заповедите Господови и не се грижат за Господа.

БЕСЕДА
за второто Христово доаѓање

А кога ќе дојде Синот Човечки во Својата слава и сите свети ангели со Него, тогаш ќе седне на престолот на славата Своја (Мт. 25:31).

Така рече Господ и тоа токму пред самото најужасно Свое понижување, пред врзувањето, плукањето, удирањето, исмевањето и распнувањето. Во најцрните часови, Он говори за најведриот и најславниот Свој час. Пред страшното и бедно излегување Свое од светот, Он говори за Своето повторно доаѓање во Својата слава. Прво дојде од пештерата витлеемска, скромно и невидено, а следниот пат ќе дојде на облаците од Своите ангели. Првиот пат како да никнал од земјата, а вториот пат ќе седи на престолот на славата Своја.

И кога ќе дојде повторно во славата Своја, нема да биде невиден за никого. Никој нема да праша како мудреците при Неговото прво доаѓање: „Каде е Царот?“ Сите овој пат ќе Го видат Царот и ќе Го познаат како Цар. Но тоа видување и познавање за некои ќе биде за радост, а за некои за страв и ужас. Замислете ја радоста на оние кои ја исполнувале Неговата заповед, кои во Негово име извршувале молитви и добри дела, а посебно оние кои за Неговото име пострадале! И замислете го стравот и ужасот на оние кои Го плукале и Го биеле во Ерусалим, како и сите оние кои низ вековите се потсмеваат на Неговите чуда, се подигруваат со Неговото име, ги газат заповедите Негови!

Милостив Господи, опрости ни на сите нас кои Го повикуваме Твоето име, а според немоќта грешиме, опрости ни пред оној величествен и судбоносен час кога ќе се јавиш во славата Твоја, со сите Твои свети ангели. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

12 МАРТ

1. Преп. Теофан Исповедник. Наречен „Сигријан“ поради местото Сигрија во кое што бил роден. Роднина на царот Лав Исавријанинот и син му Копроним. Имал огром-

но богатство и сјај. Но сето тоа ја изгубило својата вредност за Теофана тогаш кога Христос Господ се зацарил во неговата душа. Тогаш тој се противел на женидбата своја, па кога сепак бил присилен да се ожени, успеал да ја посоветува својата невеста да живеат целомудрено како брат и сестра. А штом му изумреле родителите, жена му отишла во еден манастир, а тој во друг. Неговиот манастир бил во сигријанските гори во Кизичката област. Некогаш славен и богат, Теофан живеел во манастирот како последен сиромав. И сите се чуделе на таквата промена кај него. Па бидејќи станал прочуен поради својата силна вера, воздржливост и мудрост, бил повикан на VII вселенски собор во Никеја, на кој се утврдило почитувањето на иконите. Поради големата чистота и целомудреност, Бог му дал дар на чудотворство, та ги лекувал сите болести, особено манијаштвото и лудилото. За овие болни и неволни тој Му се молел на Бога и со својата молитва им помагал. Само кога тој се разболел и долго боледувал, не сакал да Му се помоли на Бога за своето оздравување, туку трпел со благодарност. Кога настанало, пак, гонењето на иконите од лошиот цар Лав Ерменецот, тогаш св. Теофан бил доведен во Цариград и фрлен во самица каде што две години поминал во притеснетост, мака и понижување. Тогаш царот го испратил во затвор на островот Самотрак, што тој порано го провидел со својот дух и им го кажал на своите самичари. Но, кога стигнал на Самотрак, поживеал само уште 23 дена и Му се претставил на својот Господ и Создател да го прими заслужениот венец на славата.

2. Преп. Симеон Нов Богослов. Овој богоносен и велик отец на Црквата бил роден во Галата Пафлагониска, воспитан во Цариград и вброен во дворјаните на царевите Василиј и Константин Порфирородните. Оставил сè заради Христа и се повлекол в манастир. Се подвизувал под раководството на старецот Симеон, потоа бил игумен на манастирот на св. Мамант и најпосле отшелник. Бил најголем богослов после св. Григориј Богослов. Ја чувствувал благодатта во своето срцето. Неговите зборови се вистински духовни и богословски откровенија. Се упокоил во 1032 година. Моштите му се чудотворни.

3. Св. Григориј Двоеслов, папа Римски. Син на сенаторот Гордијан, и самиот потоа бил сенатор и началник на градот Рим. Но, штом му се упокоил таткото, тој му се предал на духовниот живот. Од своето големо богатство созидал шест манастири во Сицилија и седмиот во самиот Рим

во чест на св. ап. Андреј, во кој и тој се потстрижал. Силвија, неговата мајка, исто така, се замонашила во еден женски манастир. По смртта на папата Пелагиј, Григориј бил избран за папа. Тој бегал од таа чест и власт, и се криел по горите и пештерите, но Господ им го објавил на оние што го барале на тој начин што се појавил огнен столб од земјата до небото на она место каде што Григориј се криел. Бил необично милосрден. Сите свои примања ги употребувал на засолништа на бедните и на гостопримство. Честопати ги повикувал бедните луѓе и им служел околу трпезата. Се занимавал и со пишување на корисни книги. „Двоеслов“ или „Собеседник“ тој и се нарекува затоа што напишал книга под тоа име, во која ги изнесол добродетелите и чудата на италијанските светители. Ја составил и службата на „Пораноосветени Дарови“, што се служи во среда и петок во Чесниот Пост. Неговиот архиѓакон Петар гледал гулаб кај што лета над неговата глава кога седел и пишувал. Се претставил пред Господа во 604 година.

РАСУДУВАЊЕ

Никој, па ни самиот Господ Бог, не го поучува волно горделивиот. Никој не се грижи да му дава поуки на оној кој вели дека знае сè. „На смирените им се откриваат тајните“, вели мудриот Сирах (3:19). А Давид, пак, говори дека Бог ги упатува кротките кон правда и ги учи на Своите патишта (Пс. 24:9). Горделив е оној кој сака секого да го учи, а самиот не дава никој да го учи; а кроток е оној кој не сака никого да учи, а сака непрестајно да биде од било кого поучуван. Празен клас со воздигната глава над сите ниви и полн клас со наведната глава! О горделив човеку, кога некогаш ангелот хранител би ја искинал завесата од твоите очи и ти ја покаже бескрајната големина на сè она што не го знаеш, ти би клекнал пред секој човек пред кого си се гордеел и кога си го понижувал, и со плач ќе повикаш: „Прости ми, прости, јас ништо не знам!“ На смирениот и на побожниот честопати му се открива и кога ќе умре, а горделивиот смртта го снаоѓа ненадејно. Свети Григориј Двоеслов раскажува за еден епископ Карп, кој секој ден служел литургија, како некој од оној свет му се јавил и му рекол: „Продолжи да го правиш тоа што го правиш, а служејќи ми мене, да не ти потклекнат нозете и да не ти ослабнат рацете. А на денот на

Успението на Богородица ќе дојдеш кај мене и јас ќе ти дадам награда во царството мое небесно заедно со сите оние за кои на службите си се молел". По една година, на денот на Успението, епископот Карп ја отслужил Божјата служба, се простил со своите свештеници и го предал својот дух на Бога. И неговото лице засветило како Сонце.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса пред Пилата, и тоа:

1. како Го тужат Евреите пред Пилата, а Он не одговара ништо;

2. како ни на Пилат не му одговара ништо на прашањата;

3. како е Господ зборлив кога треба да се бранат луѓето од ѓаволот, од гревот, од болест, од смрт, а како е молчелив кога се бара Он, бранителот на луѓето да се брани од луѓето.

БЕСЕДА
пак за второто Христово доаѓање

И ќе се соберат пред Него
сите народи (Мт. 25:32).

Сите народи ќе се соберат пред Господа Исуса кога ќе се јави во славата Своја, опкружен со светите ангели, седејќи на престолот како Судија на сите живи и мртви. Сите народи ќе се соберат, без исклучок. Не само Евреите, кои го измачија, и не само христијаните, кои Го прославија, туку и незнабожците кои не Го познаа и не Го признаа. Бидејќи, ако Он не се јави на сите народи, Он на секого му испрати некој или му даде нешто, заради познание на волјата Божја и заради спасението. Затоа сите народи ќе мораат да се јават пред Него на суд.

О каква страшна и величествена глетка кога сите народи и сите земни племиња, кои биле и кои се, ќе се соберат пред Господа, посјаен од многу сонца! Каква радост за светите маченици и исповедници кога ќе видат како во таа безбројна маса од народ нема ниеден јазик повеќе да го одрекува божеството на Господа Исуса! Но на никој нема да му

вреди, во тој час и на тоа место, да признае и да го исповеда божеството на великиот наш Господ, ако на земјата го одрекнувал. Тука и таму се прави пресметка, а не се стекнува и не се расипува. Кој со што ќе излезе пред Господа, со тоа ќе биде или осуден или оправдан.

Сега е време да се признае божеството на Господа Исуса, сега кога многумина одрекуваат и кога тоа е под сомнеж на многумина. Оние кои Го сакаат Господа и имаат доверба во сите Негови зборови, тоа лесно ќе го признаат. Бидејќи кога Он тоа го кажува, што има да се мачат, да се сомневаат и да се премислуваат оние кои Го љубат?

Господи Исусе Христе, Боже наш, помилуј нè! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

13 МАРТ

1. Св. Никифор патријарх Цариградски. Управувал мудро и ревносно со светата Црква како и најголемите архипастири цариградски. Кога Лав Ерменецот станал против иконите, тој му се спротивставил на царот, односно прво го советувал царот, а потоа го разобличувал. Затоа нечестивиот цар го прогонил на островот Проконис. На тој остров имало манастир, кој самиот св. Никифор го изградил во чест на св. Теодор. И тука поминал овој исповедник на христијанската вера 13 години, а потоа се претставил и отишол кон Господа во 827 година. Откако изгинале сите цареви иконоборци и на царскиот престол седнал Михаил со мајка си Теодора, а на патријаршискиот престол бил повратен патријархот Методиј, тогаш (во 846 година) се пренесени моштите на св. Никифор од Проконис во Цариград и се положени прво во црквата „Св. Софија“, од која за време на земниот живот и бил изгонет, а после во црквата на „Светите Апостоли“. Главното празнување на овој голем ерарх е на 2 јуни, а на 13 март се празнува преносот на неговите нетлени мошти. На 13 март св. Никифор бил изгонет од Цариград, и пак на 13 март, по 19 години, моштите му се пренесени во престолнината.

2. Св. мч-чка Христина Персијанка. За непоколебливото исповедување на верата Христова била остро мачена во Персија во IV век. Толку мачителите ја удирале со камшици што изнемоштила и завршила. Душата нејзина се

разделила од измаченото тело и се вселила во вечната радост на Христа Царот и Господ.

3. Свешт-мч. Публиј. Овој свештеномаченик бил преемник во епископството на славниот Дионисиј Ареопагит во Атина. Како епископ бил мачен од неверните и исечен во II век. За краткото време на маката го наследил вечниот живот.

РАСУДУВАЊЕ

Големи христијани се оние кои имаат голема љубов кон Христа. О како навистина биле големи христијани богоносните отци и маченици! Во наше време за многумина тоа не е можно ни да се претстави. Еве што еден од нив, св. Симеон Нов Богослов, исповеда во својот манастир пред сите монаси. Говорејќи од свое искуство за тоа како на него се исполниле зборовите Божји: „Мојот јарем е благ и бремето мое е лесно“, тој вели: „Верувајте ми, кога прибегнував кон Бога Спасителот мој, ништо не сретнував жално, тешко, неподносливо... Голема и неподнослива тага имав јас самиот заради тоа што не можев да најдам доволно повод да умрам заради љубовта Христова“. Зар ваквите души не се како пламен затворен во земјени садови? Пламен везден исправен и насочен кон небото! Штом ќе се тргне капакот, пламенот се вивнува нагоре.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса на суд пред Ирода, и тоа:

1. како на Ирода прво му беше мило што Го виде Исуса не од некоја душевна потреба, туку од радозналост;

2: како Ирод се надеваше да види некое чудо од Исуса, но во тоа се прелага, бидејќи Господ молчеше на сите негови потпрашувања;

3. како Ирод со своите соработници Му се изнасмеа на Господа и како Го облече во бела облека.

БЕСЕДА
за помирувањето на лошите заради злото

И во тој ден Пилат и Ирод станаа пријатели, оти порано беа скарани помеѓу себе (Лк. 23:12).

И во срамот и во понижувањето свое праведникот им прави добро на своите непријатели. Тој ги помирува. Навистина, во овој случај, нивното помирување не означувало заедничка работа за некое добро дело, туку заедничко гонење на праведникот. Но, барем пламенот на нивната меѓусебна омраза стивнувал и се гаснел. И тоа за праведникот е награда. Пилат и Ирод биле непријатели. Но оној ден кога Спасителот бил изведен на суд, и кај едниот и кај другиот, тие се помириле. Кнезот на мирот донесол мир помеѓу скараните, мир што помогнал да се изделка крстот за Него. Но Он и дошол да биде доброволна жртва за гревовите на многумина.

И денес меѓусебните противници се помируваат кога треба да се нападне и да се осуди Господ. Има многу кои се колат помеѓу себе додека не им го спомнете името Господово. А штом го слушнат тоа име, постепено се помируваат помеѓу себе заради напад на тоа свето име. Полесно неправедник поднесува неправедник, отколку праведник. Полесно се разбира и помирува неправедникот со неправедник отколку со праведникот.

Дури и партиите во некои држави, најскараните помеѓу себе, се помируваат кога треба да се пресуди какво место да Му се даде на Господа Исуса Христа во државата, дали првото (како што Нему и Му доликува) или последното? На такво прашање крвните непријатели се помируваат помеѓу себе, та на Господа Му го доделуваат последното место. Исто така, во она време, се помириле скараните партии на фарисеите и садукеите, се помириле и се здружиле против Христа.

А зошто Најчистиот и Најпотребниот да биде на последно место? Затоа што, според нивниот ум, за нив треба да останат првите места. Иста побуда на помирување била и кај фарисеите и садукеите, крвните противници, кога требало да се бара Христос да се убие. Таа иста побуда предизви-

кала помирување помеѓу Пилат и Ирод кога требало да се пресуди Христос да биде убиен.

О браќа мои, да не бараме никогаш мир со неправда против правда, туку секогаш да бараме мир со Бога и со совеста. Боже, помогни ни таков мир секогаш да имаме. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

14 МАРТ

1. Преп. Бенедикт. Роден е во Нурсиската област во Италија, во 480 година, од познати и богати родители. Во училиште не се задржал долго, оти самиот увидел дека поради книжевното учење може да го изгуби „големиот разум на својата душа“. И излегол од училиштето „ненаучен мудрец и разумен незнајко“. Избегал во некој манастир каде што инокот Роман го замонашил, после кое се повлекол во една спилеста гора каде во пештера останал повеќе од три години на голем труд околу својата душа. Роман му донесувал леб и му го спуштал од спилеста карпа со јаже до пред пештерата. Кога се прочул по околината, да би ја избегнал славата од луѓето, се оддалечил од таа пештера. Кон себе бил мошне суров. Еднаш кога нечистиот бес на телесната похот го нападнал, тој се слекол гол и се тркалал по копривите и трњето сè додека не ја отстранил и секоја помисла за жена. Бог го надарил со многу духовни дарови: прредвидувал, исцелувал, изгонувал лоши духови, воскреснувал мртви, им се јавувал на други и најаве и на далечина во сонот. Еднаш провидел дека му е послужена чаша вино со отров. Тој ја прекрстил чашата и чашата се распрснала. Основал 12 манастири, во секој во почетокот по 12 монаси. Подоцна се создал посебен ред бенедиктанци, кој и денес постои во римската црква. На шест дена пред смртта тој наредил да се отвори неговиот гроб, порано подготвен, оти светителот предвидел дека крајот му е близу. Ги собрал сите монаси, ги посоветувал и Му го предал својот дух на Господа, на Кого верно Му послужил во сиромаштија и чистота. Неговата родена сестра, Схоластика, живеела во еден женски манастир, па угледувајќи се на својот брат и самата многу се подвизувала и дошла до големо духовно совршенство. Кога св. Бенедикт ја испуштил душата своја, двајца монаси, еден на пат, а другиот, пак, во некоја оддалечена келија на молитва,

истовремено виделе иста визија: пат од земјата до небесата послан со скапоцени ткаенини и осветлен по страните со редови луѓе; на врвот на тој пат стоел некој човек со неопислива убавина и светлина, кој им кажал дека тој пат е подготвен за Бенедикта, на Бога омилениот. По таа визија, тие двајца браќа дознале дека нивниот добар игумен се преселил од овој свет. Завршил мирно во 543 година и се преселил во вечното царство на Царот Христос.

2. Св. Евсхимон еп. Лампсакиски. Во времето на иконоборството трпел гонење и самување. Се упокоил во времето на царот Теофил иконоборецот (829–842 год.).

3. Св. Теогност митрополит Киевски. Грк по потекло и преемник на св. Петар Киевски. Страдал многу во монголската орда од Цинибек, затоа што бил наклеветен кај монголскиот цар од свои луѓе, Руси, како не му плаќал на царот никаков данок за својот чин. Кога царот го повикал и го прашал за тоа, тој рекол: „Христос нашиот Бог ја искупи Црквата Своја од незнабожците со чесната Своја крв. Зошто сега да им плаќаме данок на незнабожците?“ Најпосле некако се ослободил и се вратил дома. Управувал со црквата 25 години. Се упокоил во Господа во 1353 година.

РАСУДУВАЊЕ

Тешко можеме да најдеме подобра поука за тоа како не треба да сме мрзливи и да ја одлежиме молитвата и работата за утрешниот ден, отколку што ни ја дава св. Ефрем Сирин со овој пример: „На еден брат му се наметнала (од врагот) помислата: денес дај си на себе одмор, а утре стани на бдение!“ Но тој ѝ одговорил на помислата: „Кој знае, можеби утре нема ни да станам, затоа треба да станам денес“. Така и при работата му се наметнала помислата: „Дај си на себе денес одмор, па утре поработи!“ Тој пак одговорил: „Не, туку јас денес ќе поработам, а за утрешниот ден се грижи Господ!“ А св. Антониј поучува: „При осамнувањето на секој ден, подреди го животот свој така како тој ден да ти е последен на земјата и ќе се сочуваш од гревот“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса пред Пилата, и тоа:

1. како Господ молчи пред Пилата;
2. како Јуда во тоа време ги фрла сребрениците во црквата и се обесува;
3. и пак, како Пилат прашува, а Господ молчи.

БЕСЕДА
за Христовото пророштво за Својата слава

Отсега ќе Го гледате Синот Човечки како седи оддесно на силата и како доаѓа по небесните облаци (Мт. 26:64).

Кој не сака да Го види Бога како милостив Самарјанин на земјата, ќе Го види како Страшен Судија на небото. Толку биле заслепени еврејските главатари што во Христа Исуса не можеле да видат, не само Бог, ниту Месија, ниту Пророк, туку ниту обичен, добар човек. Тие го ставале подолу од обичните добри луѓе. Па не само тоа: туку го ставале пониско и од разбојникот. Тие го ослободија Варава, а Христа го осудија! Тие Христа воопшто ни за човек не го сметаа: го плукаа, исмеваа, правеа со него маскарада како со некој евтин и непотребен предмет. Но токму во часот кога Евреите злобно си играа со Христа како со некој евтин и непотребен предмет, замолчениот Господ наеднаш ја отвори устата и проговори: „Отсега ќе Го гледате Синот Човечки како седи оддесно на силата и како доаѓа по небесните облаци!“ Колкава далечина помеѓу она што е Христос навистина и она за што Евреите го мислеле!

Синот човечки, Кој седи од десната страна на силата, е Синот Божји, Господ наш Исус Христос, како што наскоро потоа Го видел св. архиѓакон Стефан и многу, многу други. Синот човечки Кој доаѓа по облаци од ангели и безбројните сили и воинства небесни е пак тој истиот Син Божји, Господ наш Исус Христос, како што Го видел и во своето Откровение го опишал св. Јован Богослов и евангелист.

О браќа мои, не заведувајте се со измамнички приказни на оние луѓе кои говорат: „Кога ќе Го видиме Христа на небото како Бог, тогаш ќе Му веруваме!“ Таа вера ќе биде задоцнета и тоа видување залудно. Ние треба со нашата вера да Го видиме Христа како Бог во оној понижен, поплукан, истепан, искрвавен и исмеан човек во дворот на Кајафа; во оној молчалив осуденик кого Евреите Го сметале за ев-

тин и непотребен предмет со кој си правеле маскарада. Тоа е вера што се цени на небото. Тоа е вера што се наградува со воскресение и со бесмртност. Тоа е вера што досега одгледала и на небото пресадила цели војски од најсвети души, најсилни карактери, најиздржливи јунаци и најсветли умови.

Господи понижен, возвиши нè до оваа вера. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

15 МАРТ

1. Св. мч. Агапиј и седуммина со него: Публиј, Тимолај, Ромил, двајца Александра и двајца Дионисија. Сите пострадале во Кесарија Палестинска од кнезот Урбан, во времето на царот Диоклецијан. Сите седуммина, освен Агапиј, биле сосема млади луѓе и не биле уште христијани. Ниту некогаш се крстиле со вода. Но нивното крштавање било со крв. Еден ден овие седум момчиња гледале како ги мачат христијаните, едни на оган, други на бесилка, трети пред ѕверови, па видувајќи со какво трпение христијаните ги поднесуваат сите маки, се разгореле со ревност за Христа, си ги врзале самите себе рацете наопаку и така врзани дошле пред Урбана говорејќи: „И ние сме христијани!" Ласкањата и заканувањата Урбанови останале залудни. На момчињата им се придружил и угледниот граѓанин на тој град, Агапиј, кој и дотогаш доста страдал за Христа и застанал уште повеќе да ја разгорува во нив верата и љубовта кон Господа. Сите биле со меч исечени во 303 година и се преселиле во дворовите на Царот Небесен.

2. Св. мч. Александар. Од градот Сид Памфилиски. Намесникот на царот Аврелијан го прашал кој е тој и што е? На тоа Александар одговорил дека тој е пастир на стадото Христово. А каде е тоа стадо Христово?– прашал понатаму злобниот и мрачен намесник. Александар одговорил: „По целиот свет живеат луѓе кои Христос Бог ги создаде, од кои оние што веруваат во Него се овците Негови, а сите отпаднати од својот Создател, што им робуваат на созданијата и на направите на рацете човечки, мртвите идоли, како вие, тие се отуѓени од стадото Негово и на Страшниот суд Божји ќе бидат поставени одлево со козите". По наредба на лошиот судија, прво го тепале со воловски жили, а потоа го фр-

лиле во огнена печка. Но огнот ништо не му наштетил. Потоа му било стружено месото од него. Потоа бил фрлен на ѕверовите, но ѕверовите не се допреле до него. Најпосле намесникот наредил, та главата му ја отсекле. Но штотуку судијата ја изрекол пресудата, го фатил лошиот дух и тој побеснел. Рикајќи бил поведен кон неговиот бог, идолот, но по патот ја испуштил од себе својата лоша душа. Свети Александар пострадал помеѓу 270 и 275 година.

3. Св. мч. Никандар Египќанец. Кожата му била одрана, па исечен за верата Христова. Вината му била таа што како лекар им помагал на христијанските маченици и телата на погубените чесно ги погребувал. Чесно пострадал во 302 година.

РАСУДУВАЊЕ

Љубовта кон било кој и кон било што, дури и кон самиот себе, може кај човекот привремено да се олади или сосема да се изгуби, па дури и во омраза да се претвори. Но љубовта на човекот кон Бога, еднаш здобиена и утврдена, тешко се оладува, освен ако некој не слезе од паметот. Во првиот случај, човекот ја смалува или ја избришува својата љубов или заради промените во него, или заради промените во љубовните предмети. Во вториот случај, човекот може да ја намали својата љубов кон Бога само и единствено заради промените во себе, а никако заради промените кај Бога. Сето тоа поубаво и појасно го изразил св. Исак Сирин, велејќи: „Има љубов слична на потокот од дожд, кој престанува набрзо по дождот. Но има љубов слична на извор што избива од земјата и што никогаш не престанува. Првата љубов е човечка, а втората божествена“. А св. Симеон Нов Богослов зборува за таа божествена љубов: „О света љубов! Ти си крај на законот. Ти мене ме обземаш, ти ме затоплуваш, ти го разгоруваш моето срце кон неизмерно љубење на Бога и моите браќа... Од љубов Бог се сторил човек. Од љубов Он ги претрпе сите животворни страдања за да го спаси човекот од оковите на адот и го вознел на небото. Од љубов апостолите го завршиле својот натпревар. Од љубов мачениците пролеале крв само да не Го изгубат Христа“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса кога Пилат Го изведува пред Евреите, и тоа:

1. како Господ прво бил камшикуван од римските војници;
2. како потоа бил исмејуван: Му ставија трнов венец на главата и му облекоа скарлетна облека;
3. како Пилат Го покажува на Евреите, велејќи: „Еве човек!“

БЕСЕДА
за пророштвото за напуштениот дом

Ете, ви се остава вашиот дом пуст (Мт. 23:38).

Зошто Господ молчел на судот пред Евреите и пред Пилата? Затоа што пред тоа сè кажал што требало да каже. Он кажал и претскажал како еврејските старешини ќе Го предадат на незнабожци и како ќе Го убијат. Повеќепати претскажал што ќе се случи лично со Него. И тоа Неговите апостоли го чуле и добро го запомниле. Но, Он претскажал и страшна казна што Евреите ќе ја навлечат на себе со своето злосторство над Синот Божји. И Евреите тоа го слушнале, но го заборавиле.

Ете, ви се остава вашиот дом пуст! Тоа Господ им го претскажал на Евреите. И тоа Евреите го слушнале и го заборавиле. Но многумина подоцна се сетиле на пророчките зборови, многу и од оние кои учествувале во големото злосторство, кога Римјаните го разурнале Ерусалим, го разбиле и го изгореле, а неговите жители ги разгониле и ги расеале по целиот свет; многумина ги исекле, ги задушиле, со глад ги побиле или на крст ги распнале. Евреите со застрашување и со досадување го присилиле Пилата Римјанинот да ја крене својата рака на Господа Исуса. Потоа Римското Царство се кренало против Евреите. Во оној ден кога требало пророштвото на Господа да се исполни, Римското Царство, кое некогаш Пилат го претставувал во Ерусалим, ја дигнало својата рака со преостриот меч против Ерусалим и неговите деца. Кога царот Адријан го обновил Ерусалим, му дал дру-

го име „Елија Капитолина“[4]) и им забранил на Евреите под смртна казна да се населуваат во Ерусалим.

Ете, ви се остава вашиот дом пуст! И Ерусалим оттогаш до денес навистина бил оставен пуст од Евреите како народ. Децата на злобните предци, кои Го убија Христоса, секаде биле досега, само не во својот дом.

Господи семоќен и Кој сè гледаш, прости ни ги нашите гревови. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

16 МАРТ

1. Св. ап. Аристовул, еден од седумдесетте апостоли. Бил брат на апостолот Варнава, и бил роден на Кипар. Му последувал на апостолот Павле, кој и го споменува во Посланието до Римјаните (16:10). Кога великиот апостол Павле поставувал многу епископи за разни краеви на светот, тогаш го поставил и Аристовул за епископ Британски. Во Британија имало диви народи, неверни и опаки, и Аристовул претрпел неописливи маки, беди и пакости меѓу нив. Го удирале без милост, го влечеле по улици, му се ругале и му се потсмевале. Но на крајот овој свет маж дошол до успех со силата на благодатта Божја. Ги просветил народите, ги крстил во името на Христа Господа, изградил цркви, свештеници и ѓакони посветил, и најпосле, таму во мир завршил и отишол во Царството на Господа, на Кого верно Му послужил.

2. Св. мч. Савин. Египќанец, од градот Хермопол и старешина на тој град. Во времето на едно гонење на христијаните, тој се оддалечил во некоја планина со многу други христијани и се затворил во една колиба каде што го поминувал времето во пост и во молитва. Но го открил некој питач, кој му носел храна и на кого Савин му направил големи добра. Како Јуда Христа, така и овој бедник за пари (за два златника) го предал својот добротвор. Свети Савин, со уште шестмина, бил фатен од војниците, врзан и на суд однесен. По големите маки, бил фрлен во реката Нил каде што Му го предал духот свој на Бога во 287 година.

---

[4]) Адријан го нарекол Ерусалим *Елија* според своето име бидејќи тој се викал Елија.

3. Свешт. мч-ци Трофин и Тал. Родени браќа, од Сирија. Јавно и слободно Го проповедале Христа и ги разобличувале глупостите елинско – римски. Разјарени незнабожците решиле да ги убијат со камења. Но кога ги фрлале камењата на тие свети браќа, камењата се враќале и удирале по самите напаѓачи, а браќата останале неповредени. Потоа обајцата на крст ги распнале. Од своите крстови браќата ги поучувале и ги охрабрувале христијаните кои стоеле наоколу нажалени. И по маките, го предале својот дух на Господа, на Кого Му останале верни до крајот. Чесно пострадале во 300 година, во градот Вофор[5]).

РАСУДУВАЊЕ

Ако го исполниме законот Божји мисловно, лесно ќе го исполниме со чувство. Односно, ако не погрешиме со мислите, уште полесно нема да погрешиме со делата. Или уште: ако нашето срце е со Бога, и јазикот, и рацете, и нозете, и целото тело не може да биде против Бога. Срце, срце, срце приготви се за Бога, него посвети го и поклони го на Бога, во него се исполнува законот Божји, него го разгорува љубовта кон Бога, преку него се соединува со Бога – останатото сè ќе последува и ќе се управува спрема срцето. Не управува со тркалото оној кој го држи крајот, туку оној кој ја држи оската на тркалото. Срцето е оска на нашето битие. Зборувајќи за Божјите заповеди, преподобен Исихиј вели: „Ако себе си се присилуваш мислено да ги исполниш, тогаш ретко ќе имаш потреба да се мачиш околу нивното чувствено исполнување“. Односно, ако со срцето, како со оска, си се навил себе си кон Бога, тркалата лесно и угодно ќе одат по оската, односно целиот човек по срцето. „Твојот закон е во срцето мое“, говори премудриот Давид (Пс. 39:8).

---

[5]) Во грчкиот *Синаксар* на овој ден уште се споменува преподобниот Христодулос, кој се подвизувал на островот Патмос и таму изградил манастир во името на св. Јован Богослов. Се упокоил во 1111 година. Врз неговите мошти се случувале чуда.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса како чекори под крстот на Голгота, и тоа:

1. како трпеливо и со молчење го носи Својот крст;
2. како потоа го симнаа од Него крстот и го дадоа на Симон од Кирин, та овој го носеше крстот, чекорејќи по Христа;
3. како Он се заврте кон ерусалимските жени кои плачеа и им рече: „Ќерки ерусалимски, не плачете за Мене, туку плачете за себе и за своите деца“, објавувајќи ја со ова Својата победа и поразот на Своите убијци.

БЕСЕДА
за хулењето на Христа како богатство

Со вера Мојсеј... хулењето на Христа го сметаше за поголемо богатство, отколку сокровиштата на Египет; оти предвид ја имаше наградата (Евр.11:26).

Не сакал Мојсеј да остане на дворот Фараонов, ниту да се нарече посинок на Фараонот. Повеќе сакал да страда со народот Божји отколку да има земна сладост на гревот. Како што биле различни од Мојсеја потомците негови, кои од фараонски причини го осудиле Царот на славата на смрт, сите тие повеќе би сакале една година да проживеат на гнилиот Фараонов дворец отколку со Бога да патуваат 40 години низ пустината. А Мојсеј ги оставил сите почести, сето богатство, сите ласкања што можел само богатиот Египет, и тоа уште на дворецот царски да му ги даде, па на Божја заповед тргнал низ гладната и жедна пустина, со вера дека зад пустината постои ветената земја. Тоа и значи да се чува хулењето на Христа над секое египетско богатство.

Хулењето на Христа е она од што светските луѓе, со силна реа од земјата, се срамат кај Христа. А тоа е Христовата беда на земјата, неговиот пост, бдението, молитвата, поттурнување без покрив, осудата, понижувањето, срамната смрт. Тоа хулење на Христа го ценеле апостолите и по нив и сите многубројни светители за поголемо богатство од сите вселенски блага, бидејќи Господ воскреснал по сето хулење и ја отворил вратата небесна, ја покажал рајската ветена зе-

мја, во која Он го повел човештвото по патот на своето хулење или преку пустинатa на Своето страдање.

О Господи, прославен и воскреснат, помогни ни секоја капка од Твојата пот и од Твојата крв да ги чуваме непоколебливо како поголемо богатство од целото светско благо. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

17 МАРТ

1. Св. Алексиј човек Божји. Различни се патиштата по кои Бог ги води оние што сакаат Нему да Му угодат и законот Негов да го исполнат. Во времето на царот Хонориј во Рим живеел високиот царски достоинственик Евтимијан, мошне угледен и мошне богат. И тој и жена му, Аглаида, богоугодно го поминувале животот. Иако бил богат, Евтимијан седел само еднаш дневно на трпеза, и тоа по зајдувањето на Сонцето. Имале син единец, овој Алексиј, кој кога пораснал бил принуден да се ожени. Но тој истата таа ноќ ја оставил не само жената, туку и домот на својот татко, седнал во лаѓа и дошол во градот Едеса во Месопотамија каде што бил прочуениот лик на Господа Исуса испратен од Самиот Господ на царот Авгар. Поклонувајќи Му се на тој лик, Алексиј се облекол во питачка облека и како питач живеел 17 години во тој град, непрестајно молејќи Му се на Бога во припратата на црквата „Св. Богородица“. Кога тука се прочул како богоугодник, се уплашил од човечката слава и си отишол оттаму, седнал во една лаѓа да оди во Лаодикија, но, по Божја промисла лаѓата била занесена и допловила дури до Рим. Сметајќи го тоа како прст Божји, Алексиј намислил да оди во домот на својот татко и како непознат тука да го продолжи својот живот и подвиг. Таткото не го познал, но од милосрдие му дозволил во неговиот двор во една визба да живее. Тука св. Алексеј поминал уште 17 години, живеејќи само со леб и вода. Злоставуван од слугите на разни начини, претрпел сè до крај. А кога му се приближил крајот, тој напишал една хартија, ја стегнал во раката, легнал и издивнал на 17 март 411 година. Тогаш се случило едно откровение во црквата на „Светите Апостоли“ во вид на глас што рекол во присуство на царот и патријархот: „Побарајте го човекот Божји во куќата Евтимијанова“. Царот со папата и сета придружба дошол во куќата на Евтими-

јан и по долгото распрашување дознале дека оној питач е тој човек Божји. Кога влегле во неговата визба, го нашле мртов, но во лицето светол како сонце. Од онаа хартија родителите негови дознале, дека тоа е нивниот син Алексиј, а невестата, која 34 години живеела без него, дека тоа е нејзиниот маж и ги обзела сите неизмерна тага и мака. Но потоа се утешиле видувајќи како Господ го прославил Својот угодник зашто со допирот до неговото тело се лекувале мнозина болни и од телото му потекло благоухано миро. Телото му го погребале во ковчег од мермер и смарагд. Главата му се наоѓа во „Св. Лавр“ на Пелопонез.

2. Св. Мч. Марин. Бил војник. Не само што не сакал да им принесе жртва на идолите, туку од други принесените жртви ги растурил и со нозете ги изгазил. Поради тоа бил мачен и исечен во III век. Некој сенатор Астериј, облечен во скапоцена бела облека, го гледал страдањето на св. Марин. И толку се воодушевил со верата во Христа, Кој толкава храброст им дава на Своите следбеници што самиот го зел телото на маченикот на својот грб, го однесол и чесно го погребал. Видувајќи го тоа, незнабожците и него го убиле како христијанин.

РАСУДУВАЊЕ

Зошто сме ние овде на земјава? Да ја покажеме својата љубов кон Бога. Да се научиме да Го љубиме Бога повеќе отколку гревот. Со нашата мала љубов да одговориме на големата Божја љубов. Само љубовта Божја е голема љубов, а нашата секогаш е мала. Бог доволно ја покажал и ја покажува Својата љубов кон човекот и во Рајот и на земјата. Нам ни е даден овој краток земен живот како училиште и испит, да се испитаме, сакаме ли на големата Божја љубов да одговориме со љубов или не? „Секој ден и секој час, од нас се бара доказ за нашата љубов кон Бога“, вели св. Исак Сирин. Бог секој ден и секој час ја докажува Својата љубов кон нас. Секој ден и секој час ние сме поставени помеѓу Бога и гревот и треба или да ја подариме својата љубов на Бога и да се воздигнеме помеѓу ангелите, или да се приврземе кон гревот и да паднеме во мрачниот ад. Алексиј Човек Божји Го возљуби Бога повеќе отколку своите родители, и жената и богатството. Седумнаесет години тој помина како просјак далеку од домот на своите родители и други седум-

наесет пак како непознат и презрен просјак во родителскиот дом сè заради љубовта Божја. И милостивиот Бог одговори со љубов на љубовта: за тие 34 години страдање Он му подари на Алексиј вечен живот и радост помеѓу ангелите Свои на небесата и слава на Земјата.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса на Голгота, и тоа:

1. како војниците ги слекуваат од Него алиштата, а Он молчи и не се брани;
2. како Го приковуваат со клинци за дрвото, а Он молчи и не се брани;
3. како со врева и викотници го воздигнуваат крстот од земјата и го поставуваат исправено, а Господ молчи.

БЕСЕДА
за второто доаѓање на Господа

Зашѿо, како молњаѿа шѿо излеѓува од исѿок и се ѓледа дури до заӣад, ѿака ќе биде доаѓањеѿо на Синоѿ Човечки (Мт. 24:27).

Второто доаѓање на Господа ќе биде доаѓање со слава. Тоа Господ повеќепати го кажал. Но овде Он одблизу ни кажува на што ќе личи Неговото доаѓање. Ке личи, вели, на молња. Со тоа Он ни открива пет особини на тоа Свое славно доаѓање.

Прво, Неговото второ доаѓање ќе биде одненадеж како молња. Затоа нè опоменал: бидете будни бидејќи не го знаете ни денот ни часот!

Второ, Неговото доаѓање ќе биде светло како молња. Сонцето и ѕвездите ќе потемнат и целата вселена ќе ја изгуби светлината на своето лице кога Он ќе засвети. Кој греши, тој има помалку светлина и просветеност; колкава ли ќе биде темнината под тој небесен пламен! Затоа Он нас нè опоменал да ги чуваме светилниците на нашите души наполнети со масло и подготвени. О браќа, да не се најдеме во мракот во оној страшен час!

Трето, Неговото доаѓање ќе биде силно како молња. Бидејќи Он исклучиво, на друго место, вели дека ќе дојде со сила и слава.

Четврто, Неговото доаѓање ќе биде сеобемно и јавно за сите и за секого од исток до запад. Односно, Он нема да се јави како првиот пат да Го видат само Неговите ученици или само едно племе и еден народ, една земја и една држава, туку ќе се јави како молња што сите луѓе и сите племиња на Земјата одеднаш ќе ја видат.

Петто, како што појавата на молњата му претходи на дождот и бурата, така и Неговото второ доаѓање ќе му претходи на Страшниот суд, кој за праведните и верните ќе биде како посакувана роса, а за неправедните и неверните како бура.

Да се подготвуваме, браќа мои, бидејќи облаците се натрупуваат и на нив може во секој час да болсне божествената молња.

Господи велик и страшен, додај масло на свеќниците наши за да не се најдеме во вечна темнина тогаш кога ќе се појави Твојата вечна светлина. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

18 МАРТ

1. Св. Кирил архиеп. Ерусалимски. Роден е во Ерусалим во времето на св. цар Константин Велики, а умрел во времето на св. цар Теодосиј Велики (315–386). Во 346 година бил ракоположен за свештеник, а во 350 година го наследил на престолот ерусалимски блажениот патријарх Максим. Трипати симнуван од престолот и протеруван во прогонство, додека најпосле во времето Теодосиево не бил вратен, проживувајќи мирно уште 8 години и Му ја предал душата на Господа. Две тешки борби тој имал: една со ариевците, кои се усилиле под Констанциј, синот на Константин, а другата под Јулијан Отпадникот, со овој отпадник и со Евреите. Во времето на ариевската сила на Денот на Педесетницата се појавила чудна појава на крст, посветла од Сонцето, што се простирала над Ерусалим и над Елеонската Гора, и траела неколку часови, почнувајќи од деветтиот час наутро. За таа појава, што била видена од сите жители на Ерусалим, му било пишано и на царот Констанциј, и таа послу-

жила многу за утврдување на православието против еретиците. Во времето на Отстапникот, пак, се случила друга појава. За да го понижи христијанството, Јулијан ги наговорил Евреите да го обноват Соломоновиот храм. Свети Кирил Му се молел на Бога тоа да не биде. И се случил страшен земјотрес, кој го разурнал сето што било одново соѕидано. Тогаш Евреите почнале повторно. Но пак имало земјотрес што го урнал не само новоизграденото, туку ги извадил и ги растурил старите камења, што биле под земјата. И така се обистинило словото Господово: „Нема да остане тука ни камен на камен“. Од многуте списи на овој свет отец сочувана е неговата катихетика, првокласно дело, коешто ја потврдува и верата и практиката на православието до ден–денешен. Необичен архипастир и голем подвижник бил овој светител. Бил кроток, смирен, целиот испостен и во лицето блед. По многу тешкиот живот и витешката борба за христијанската вера, мирно се упокоил и се преселил во вечните Господови дворови.

2. Анин Чудотворец. Родум од Халкидон; мал по раст како древниот Закхеј, но голем со духот и верата. Се одрекол од светот во својата петнаесетта година и се населил близу дореката Еуфрат во една визба, каде што се испостувал и на Бога Му се молел, прво кај својот учител Мајум, а по смртта на овој, сам. Со силата на својата молитва наполнил сув бунар со вода, исцелувал болни од разни маки и ѕверови скротувал. Еден скротен лав кај него бил постојано на служба. Предвидувал во далечина. Кога недалеку од него еден столпник, Пионија, го нападнале разбојници и го претепале така што овој намислувал да слезе од столбот и да оди да ги тужи кај судијата, св. Анин ги прозрел во душата на тој столпник неговите намери, и му испратил писмо по својот лав да ја остави својата намера, да им опрости на своите напаѓачи и да го продолжи својот подвиг. Бил неискажано милосрден. Епископот Новокесариски му подарил едно магаре да му го олесни носењето вода од реката, но тој магарето му го подарил на некој сиромав, кој му се пожалил на сиромаштијата. Епископот му подарил друго магаре, но тој и него го подарил. Тогаш епископот му подарил и трето магаре, но само на услуга, како водоносач, само што мора да го чува и да му го врати. Пред смртта, видел како му доаѓаат Мојсеј, Арон и Ор, и како го викаат: „Анине, Господ те вика, стани и појди со нас!“ Тоа тој им го открил на своите ученици и Му го предал својот дух на Господа, на

Кого верно Му служел. Имал 110 години кога го завршил својот земен живот.

РАСУДУВАЊЕ

Има злонамерни луѓе кои мислат дека времето Му донесло на Христа величина и дека во првите векови на христијанството не се мислело за Господа како што за Него се мислело во подоцнежните времиња. Ништо полесно не е да се разбие оваа невистина. Еве како св. Кирил Ерусалимски пишува за Господа Христа: „Тоа е Оној, Кој е и Кој бил на Отецот Соприсносуштен, Единороден, Единопрестолен, Рамносилен, Сесилен, Беспочетен, Несоздаден, Неизменлив, Неопишан, Невидлив, Неизречен, Недостижен, Неопфатен, Недомислен, Неограничен. Тој е светлина на славата Очева (Евр. 1:3). Тој е слика на суштеството на сите твари. Тој – Светлина на светлината, светлејќи од внатрешноста на Отецот. Тој – Бог на боговите (Пс. 49:1) и од Бога, Бог, Кого Го познаваме. Тој – извор на животот (35:10) од изворот на животот на Отецот, што истекува. Оваа река Божја (45:5; 64:10) што излегува од бездната Божја, но не се одделува. Овој – ризница на добрините на Отецот и бескрајно блаженство. Овој – водата на животот (Јн. 4:14) што му дарува живот на светот. Овој – несоздаден зрак што се раѓа, но не се отсекува од Сонцето што осветлува. Овој е Бог Словото (Јн. 1:1) што со едно слово сите твари од небитие во битие ги направи... Ова е Оној, Кој нас нè создаде по образот Божји, а сега самиот се направил човек по образот наш. Човек, но воедно и Бог“. И ден–денес, по 16 века, откако ова вероисповедание е напишано, православната Црква ја чува истата вера од збор до збор, од буква до буква.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса посрамен на крстот, и тоа:

1. како Му го пишуваат срамниот натпис над главата: „Цар јудејски“;

2. како Му се потсмеваат минувачите мавтајќи со главите свои и хулејќи;

3. како Му се потсмева дури и разбојникот на крстот;

4. како низ вековите Му се потсмеваа мачителите на христијаните.

БЕСЕДА
за Царот Кој не сака да се брани со војска

Или мислиш дека не можам да Го помолам сега Својот Отец, да Ми прати повеќе од дванаесет легиони ангели (Мт. 26:53).

Така му рече Господ на ученикот кој го извади ножот за да Го брани својот Учител во Гетсиманската Градина. Од овие зборови е јасно дека Господ можел да се одбрани, ако сакал, не само од Јуда и од неговата чета на полицајци, туку и од јудејските поглавари, и од Пилата, и од целото Римско Царство, ако тоа се дигнело против Него. Бидејќи силата на еден ангел е поголема од најголемата човечка војска, а камоли сила на дванаесет легиони ангели!

Но Господ не сакал да ја бара таа помош од Отецот. Во Својата молитва во Гетсиманија Он Му рекол на Отецот: „Нека биде волјата Твоја". И веднаш потоа ја познал волјата на Отецот дека треба да се пушти на страдање, и Он се согласил со волјата на Отецот Свој и тргнал на патот кон страданијата. Требало да се дозволи заднината да се опише многу потемна за сликата на воскресението да биде појасна. Требало да се дозволи злото да се надвисне колку што може повеќе за потоа да се распукне во ништо. Требало да се дозволи злото да викне колку што може посилно за наскоро да занеми – пред чудото на воскресението. Требало оваа човечка злоба против Бога да се објави за да се види и оцени љубовта и милоста Божја кон луѓето. Неиспратените ангели Божји да Го бранат Христа од Евреите, по три дена се испратени да му го објават на светот воскресението Христово. Господи сесилен и семилостив, помилуј нѐ и спаси нѐ! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

19 МАРТ

1. Св. мч-ци Хрисант и Дарија и други со нив. Овој Хрисант бил единец син на некој голем болјар Полемиј, кој се преселил од Александрија во Рим. Како син на богати родители Хрисант ги изучил сите светски училишта имајќи ги најучените луѓе за учители. Но светската мудрост го збунила и го оставила во неизвесност: што е, или поточно, Кој е вистината? И тој тагувал поради тоа. Но Бог, Кој за сите и за сѐ промислува, ја ублажил неговата тага: до раката на младиот Хрисант дошло напишаното ***Еванѓелие*** и ***Делата апостолски***. Прочитувајќи го тоа, Хрисант бил осветлен со Вистината. Но тој сакал учител и го нашол во лицето на некој свештеник Карпофор, кој и го поучил и го крстил. Но тоа не му се допаднало на неговиот татко, кој сѐ се обидел да го одврати од верата Христова. Не успевајќи во тоа, лошиот татко прво сакал да го разврати затворајќи го сам со бесрамни жени. Но Хрисант се победил самиот себе и во тоа и се одржал во чистотата. Тогаш татко му го присилил да се ожени со незнабожечката девојка Дарија. Но Хрисант ја посоветувал Дарија и таа да ја прими Христовата вера и да живеат како брат и сестра, иако привидно во брак. Кога му умрел таткото, Хрисант почнал слободно да Го исповеда Христа и да живее по христијански, и тој и сиот негов дом. Во времето на царот Нумеријан и тој и Дарија биле страшно мачени за верата. Но и самиот мачител Клавдиј, видувајќи ја стрпливоста на овие чесни маченици и чудата што се пројавиле при нивното мачење, ја примил верата Христова со целиот свој дом. За тоа и Клавдиј бил удавен во вода, обата сина исечени, а жена му на губилиштето, прочитувајќи молитва, издивнала. Дарија толку била истрајна во маките, што незнабожците викале: „Дарија е богиња!“ Најпосле било наредено Хрисант и Дарија да бидат затрупани со камења во еден длабок ров. На тоа место подоцна била подигната црква. Близу до тој ров имало една пештера, во која еднаш се собрале христијани на молитва и причест во спомен на св. мч-ци Хрисант и Дарија. Дознавајќи за ова незнабожците навалиле и ја затвориле пештерата и со таква смрт ги испратиле тие христијани од овој, во подобриот свет, каде што Христос Господ царува во вечноста. Овие славни маченици, Хрисант и Дарија, и останатите со нив, меѓу кои: свештеникот Диодор и ѓаконот Маријан, пострадале за Христа, во Рим, во 283 и 284 година.

2. Св. мч. Панхариј. Родум од Вилапата во Германија. Бил висок службеник на дворот на царевите Диоклецијан и Максимијан. Прво се одрекол од Христа, но посоветуван од мајка си и сестра си, се повратил во верата Христова и за неа загинал во 302 година.

РАСУДУВАЊЕ

„Оваа милост (Божја) што нѐ воскресна и потоа згрешивме е поголема од милоста што ни е дадена тогаш кога не сме постоеле. Слава, Господи, на Твојата безмерна милост". Така говори св. Исак Сирин. Сака да каже: поголема милост Бог покажал кон нас кога преку Христа нѐ спасил од гнилежот на гревот и смртта отколку кога од ништо нѐ создал. И навистина е така. И земните родители поголема милост му даваат на развратниот и пропаднат син кога повторно ќе го примат, сѐ ќе му опростат, ќе го исчистат, ќе го излекуваат и повторно ќе го направат свој наследник, отколку кога ќе го родат. Кога младиот Панхариј, прелаган со царски почести се одрекол од Христа, неговата мајка му напишала писмо полно со тага и болка. „Не треба да се плашиш од луѓето, му пишувала мајка му, туку треба да се боиш од Судот Божји. Пред царевите и големците треба да ја исповедаш верата во Господа Христа, а не да се одречеш од Него. Сети се на Неговите зборови: *А кој ќе се одрече од Мене пред луѓето, и Јас ќе се одречам од него пред Мојот Отец небесен* (Мт. 10:33). Синот го примил советот на мајка си, се засрамил самиот од себеси, ја исповедал пред царевите својата вера во Христа и со маченичка смрт умрел за Христа за вечно да живее со Него. Така блажената мајка на Панхариј го предизвикала новото раѓање на својот син, духовното раѓање, кое е поважно од првото, телесното раѓање.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господа Исуса распнат на крстот, и тоа:

1. како на крстот Он се мачи од болки;
2. како Му даваат оцет и жолчка да пие кога Он рече дека е жеден;

3. како отапените луѓе од себичност под крстот не мислат на Него, туку се расправаат за Неговата облека.

БЕСЕДА
за знакот на Синот Човечки

Тогаш ќе се јави на небото знакот на Синот Човечки (Мт. 24:30).

Каков ќе биде овој знак на Синот Човечки еднаш тоа во мало се покажало. Тоа е крст, посветол од Сонцето, кој се покажал над Ерусалим пред доаѓањето на едно порано олицетворение на антихристот, имено, царот Јулијан Отпадникот. И наместо секоја беседа за тој чуден знак, најдобро е, браќа, да ви се наведе писмото на св. Кирил Ерусалимски испратено на царот Констанциј, синот на Константин Велики и претходникот на Јулијан Отпадникот. Дел од тоа писмо гласи: „Во овие свети денови на Педесетницата, седмиот ден во мај, околу девет часот наутро се јави преголем крст, целиот од светлина, на небото, над светата Голгота и спострен до светата Гора Елеонска. Тој се покажа сосем јасно, не само на еден или двајца, туку на сите многубројни жители на градот и не така – како би можел некој да помисли брзоминливо како замисла, но видлив со очите во текот на многу часови над земјата. Со светлосното болскање ги надминуваше сончевите зраци, бидејќи да не беше таков, ќе беше победен од нив (од сончевите зраци) и не би се гледал да не испушташе пред набљудувачите посилни зраци од сончевите. Во тој час брзо се собраа многубројни жители на градот во светата црква, обземени со страв и со радост од тоа боговидение, деца и старци, мажи и жени, секакава возраст, дури и најскриените девици, овдешни жители и туѓинци, христијани и незнабожци, кои дошле од други земји – сите еднодушно, како со една уста, Го прославија чудотворниот Христа Исуса нашиот Господ, Единородниот Син Божји, и навистина со искуство дознаа дека христијанската благочестива наука не е во испреплетени зборови на мудрување, туку во јавувањето на духот и силата (1. Кор. 2:4), и не е само од луѓе проповедана, туку од небесата, од Бога е посведочена (Евр. 2: 3–4)... Сметаме за должност да не го премолчиме ова небесно боговидение, туку и на Твоето бого-

прославено благочестие да го доставиме. Заради што и јас побрзав со ова писмо тоа да го исполнам“.

О браќа мои, сè за Бога е можно и создаденото да се покаже на луѓето и несоздаденото да се создаде. Но најважно за нас е тоа што Он и може и сака да ја избави нашата душа од гревот и смртта и да ни дарува вечен живот. Да Му се молиме за ова дење и ноќе. Господи семоќен, на Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

20 МАРТ

1. Преп. мч-ци Јован и другите, од манастирот на св. Сава Освештен крај Ерусалим. Овој славен манастир, посетуван и од св. Сава Српски, и даруван од неколку српски владари, и ден–денешен постои. Повеќе пати е напаѓан од дивите Арапи, ограбуван и пустошен, но со Промислата Божја, секогаш е обновуван и до ден–денешен сочуван. Во времето на царувањето на Константин и Ирина бил нападнат од Арапите и ограбен. Монасите не сакале да бегаат, туку советувајќи се со својот игумен Тома рекле: „Ние избегавме од светот во оваа пустина поради љубовта Христова, срамота е да бегаме од пустината од страв од луѓето. Ако бидеме убиени тука, ќе бидеме убиени поради љубовта кон Христа, поради Кого и сме дошле тука да живееме“. И така ги дочекале ненаоружани, наоружаните Арапи, како јагниња волците. Арапите некои од нив со стрели ги умртвиле, а некои ги затвориле во пештерата на св. Сава, па запалиле оган на влезот, та со чадот ги задушиле. И така мнозина од нив завршиле како маченици заради Христа и се преселиле во Царството на Оној Кого Го љубеле и заради Чија љубов изгинале. Чесно пострадале пред Велигден во 796 година, во времето на царот Константин и Ирина и патријархот Ерусалимски Илија. Но набргу дивите напаѓачи ги стигнала праведна казна. Враќајќи се во своите шатори, тие се раскарале и во взаемната борба сите изгинале. Тоа се случило во 796 година.

2. Св. мч-ца Фотина. Тоа е онаа жена, Самарјанката, која ја имаше таа ретка среќа да разговара со Самиот Господ Христос на Јакововиот бунар крај градот Сихар (Јн. 4 гл.). Откако поверувала во Господа, тргнала да го проповеда Неговото Евангелие со своите два сина: Виктор и Јосија, и

со петте сестри: Анатолија, Фота, Фотида, Параскева и Кирнакија. Дошле во Картагина, во Африка. Но биле тужени и во Рим доведени во времето на царот Нерон и во самица биле фрлени. Со Божјата Промисла, ќерката Неронова, Домнина, дошла во допир со св. Фотина и од неа била обратена во верата Христова. По самувањето, сите пострадале заради Христа. Фотина, која на бунарот првпат била осветлена со светлината на Вистината, била фрлена во бунар каде што завршила и отишла во бесмртното Царство Христово.

РАСУДУВАЊЕ

Бог не го казнува грешникот затоа што му прави задоволство, ако го уништи човекот. Бидејќи ако тоа Му е задоволство, тогаш Он не би го создавал човекот од ништо. Туку, Бог го казнува грешникот од повеќе целисходни и домостројни причини, од кои две се најочигледни за нас: прво, со казната да го поправи и да го изведе на вистинскиот пат, а второ, другите да ги заплаши да не грешат. Ова истото го мисли св. Исак кога вели: „Праведниот мудрец е сличен на Бога, бидејќи тој го казнува човекот, не за да му се одмазди за гревот, туку или да го исправи човекот, или другите да ги заплаши“. Некој немирен младич, кој хулел на Бога и на своите родители, наеднаш се помрдне со умот. Целиот град во кој живеел тој младич ја видел во тоа казната Божја и се исплашил со страв Божји. Младичот го држеле врзан и затворен три години. А неговата мајка горко плачела и Му се молела на Бога за синот. Една година, на Духовден, мајката го однесла својот безумен син во манастирот на св. Василиј во Острог. По молитвите, безумниот младич оздравел и си дошол на себеси. Потоа се покајал и постанал примерен човек и вистински христијанин.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса распнат на крстот, и тоа:

1. како тече крвта од Неговите раце и како капе на земјата;

2. како тече крвта од Неговите нозе и како се слива на земјата;

3. како тече крвта под Неговите ребра и како капе на земјата.

БЕСЕДА
за борбата на Агнецот со ѕверовите

Тие ќе војуваат против Агнецот, и Агнецот ќе ги победи, оти Он е Господар над господарите и Цар над царевите (Отк. 17:14).

Кој ги кажува овие чудни зборови? Јован Боговидецот. Кој е тој Агнец? Христос Господ. Кој е тој господар над господарите и цар над царевите? Христос Господ. Со кого Он ќе војува и кого ќе го победи? Тоа е седмоглавиот ѕвер и сите оние кои примаат власт, чест и богатство од тој нечист ѕвер.

Агнец среде ѕверови! Но сепак св. Јован Го виде Агнецот како победител над сите ѕверови. Христос среде демоните! Би рекол ќе Го проголтаат! Па сепак демоните преплашени викаат кон Него за милост и бегаат од Него не свртувајќи се. Христос помеѓу Своите мачители! Би рекол: ќе Го умртват засекогаш! Па сепак, Он воскреснува и победува, а тие бегаат во страв и гинат. Црквата Христова меѓу незнабожците! Би рекол, ќе ја преплават како брановите мал остров! Па сепак, незнабожечките царства потонуваат и пропаѓаат, а Црквата постои, расте и напредува. Верата Христова среде упоритите филозофи и теоретичари! Би рекол: ќе ја надмудрат и ќе ја исфрлат од светот! Па сепак, тие еден друг во лага се прогонуваат, а верата Христова ги спасува луѓето. Благочестие помеѓу богохулниците и богоодрекувачите! Би рекол: ќе го извалкаат! Па сепак, тие се дават во својата нечистотија, а благочестието се носи во неизвалкана чистота! Кроткост и плачевност христијанска среде насилници и грабачи! Би рекол: ќе умрат од глад! Па сепак таа живее и оди наситена, а насилниците и отимачите пропаѓаат од глад. Агнец среде ѕверовите! Па сепак, Агнецот е победител.

О Господи кроток и добар, Агнецу Божји, премил, запои нè и нас со Твојата кроткост и добрина и ние да биде-

ме учесници на Твојата победа. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

21 МАРТ

1. Св. Јаков епископ и исповедник. Не се знае ни местото на неговото раѓање ниту местото на неговото епископствување. Се знае само дека го исполнил законот Христов подвизувајќи се многу во постот и молитвата и дека, во времето на Копроним, големи беди и маки претрпел од иконоборците: и глад, и самица, и потсмевање од секој вид. Најпосле Му ја предал душата своја на Бога, на Кого верно Му служел во овој живот. Живеел и страдал во VIII век.

2. Преп. Кирил еп. Катански, во Сицилија. Родум од Антиохија и ученик на апостол Петар. Добро управувал со стадото Христово. Имал и дар на чудотворство со помош на молитвата. Така, некоја горчлива вода што не можела да се пие – а во тоа место друга вода во лето немало – со молитва ја претворил во слатка, пивка вода. Се упокоил мирно.

3. Св. Тома патријарх Цариградски. Живеел во времето на царевите Маврикиј и Фока и во времето на патријарсите св. Јован Посник и Кириак. Забележан од св. Јован поради големото благочестие и ревноста, тој од овој светител бил поставен во чин сакелариј на Патријаршијата (патријаршиски наместник), а по смртта на Кириака, бил избран за патријарх. Во неговото време се случила една необична случка: кога еднаш се одело во литија со крстови, крстовите почнале да се нишаат самите од себе и да се удираат еден од друг. На тоа се зачудил сиот народ; и кога патријархот тоа го дознал како вистинит случај, го повикал Теодора Сикеот, прочуениот испосник и прозорливец молејќи го да објасни што се претскажува со тоа. Теодор Му се помолил на Бога и му открил на патријархот дека тоа ги означува големите беди што ќе настапат и за Црквата и за грчкото царство поради внатрешните верски и политички разделби. Христијаните самите ќе се тепаат и ќе се истребуваат едни со други. Сето тоа наскоро се исполнило. Тома го молел Теодора да Му се помоли на Бога за него за Бог да го земе кај Себе пред да настапат бедите. „Заповедаш ли да дојдам до тебе или да се видиме онаму пред Бога?“ – така му напишал Теодор на патријархот, навестувајќи со тоа дека и патријархот и тој скоро ќе умрат. И во истиот ден се

разболел и умрел патријархот, а наскоро по него и Теодор. Св. Тома умрел и се преселил кон Господа во 610 година.

4. Преп. Серапион. Другар на св. Антониј Велики. Бил настојател во Нитриската пустина во т.н. Арсинојски манастир, во кој имало околу 11 000 монаси. Паладиј и Созомон го нарекуваат Велики. Се упокоил околу 366 година. Св. Серапион пишувал: „Не мисли дека е болеста тешка; тежок е само гревот... Болеста нѐ следи само до гробот, а гревот следува по грешникот и после гробот“.

РАСУДУВАЊЕ

Од многумина кои брзаат да се збогатат ќе слушнеш такво оправдување: „Кога ќе се збогатам, ќе можам да правам добри дела!“ Не верувај им, бидејќи те мамат и тебе и себеси. Свети Јован Лествичник длабоко ги познал и најскриените побуди на човечката душа кога рекол: „Среброљубивоста започнува со претпоставка да се прави милостина, а се завршува со омраза кон бедните“. Ова се потврдува кај сите среброљупци, многу богати и малку богати. Обично, луѓето говорат: „Ако имам пари, јас би направил такво и такво добро дело!“ Не верувај му. Нека и самиот на себе не си верува. Нека се огледа како во огледало на оние кои имаат пари и не сакаат да го направат тоа и тоа добро дело. Таков би бил и тој кога би стекнал пари. Повторно вели мудриот Јован: „Не зборувај дека ти е потребно да собираш пари за бедните за преку таа помош за нив да добиеш Царство, бидејќи Царството може да се купи и за две лепти“. Навистина, евангелската вдовица го купила за две лепти, а богаташот, пред чии врати лежел Лазар, не можел да го купи за неизбројното свое богатство. Ако немаш ништо да му дадеш на сиромавиот, помоли се на Бога Он да му даде и со тоа веќе си направил милостиња и си купил царство небесно. Кога св. Василиј Нов ѝ прорекол на царицата, жената на царот Константин Порфирородниот, дека прво ќе роди ќерка, па потоа син, царицата му понудила многу злато. Светителот одбил. Царицата го заколнала во Светата Троица да земе. Тогаш св. Василиј зел само три златници и ги дал на бедната Теодора, која го служела, велејќи: „Не ни треба многу од тоа трње, бидејќи многу боцка“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса распнат на крстот, и тоа:

1. главата Негова со рани од трновиот венец;
2. очите Негови, затворени од болка;
3. устата Негова, исушена од жед.

БЕСЕДА
за Првиот и Последниот, ¤ивиот

Не бој се, Јас сум Првиот и Последниот и живиот. Бев мртов, и, ете, жив сум за сите векови. Амин! (Откр. 1:18).

Така му рекол Господ Исус на Својот љубен ученик Јован во визија на островот Патмос. Од што да не се плаши? Не плаши се од гонењето на Црквата од страна на незнабожците. Не плаши се од мачителите, кои ги мачат моите верни на сите страни. Не плаши се од царевите кои подигаат гонење против христијаните. Не плаши се од силните моќници на овој свет кои се исмејуваат на Моето понижување и на Мојата смрт. Не плаши се од демоните што ги заслепуваат луѓето со страстите за да не ја видат вистината што ја донесов Јас во светот. Не плаши се од ништо!

Како да не се плашам, Господи, кога целиот свет е до заби наоружан и собран против нас, малобројните и ненаоружаните, како да не се плашам?

Не плаши се, бидејќи Јас сум прв и последен, алфа и омега. А сите тие војски наоружани против вас се ништо и се како еден минлив виор на мртовци. Јас сум од пред времето и Јас сум по времето, пред почетокот на сѐ и по завршетокот на сѐ создадено, Јас сум. А тие сите се заклучени во еден миг од времето што Јас на секого сум му го одмерил и повеќе од тој миг не можат да се спружат.

Не плаши се, бидејќи Јас бев мртов и еве оживев. Ни од смртта не плаши се. Јас сум пред смртта и по смртта. Смртта ми е слуга и Јас го пуштив Својот слуга во светот да ми служи. И Јас се предадов на Својот слуга за три дена и му наредив да Ме пушти, и еве, жив сум. Јас сум сопственик на смртта како и на животот. Јас сум сопственик на вре-

мето како на вечност. Не плаши се! За вечни векови Јас сум жив. И ти ќе бидеш жив со Мене. И сите оние коишто ќе Ми останат верни и не се исплашат ќе бидат живи со Мене. Не плаши се, Јас сум – алфа и омега.

Господи вечен и бесмртен, дај овие Твои свети зборови да одекнуваат во душите на Твоите верни кога и да се подигне гонење на светата Твоја Црква. Да не се плашиме, држејќи се за Твојата десна рака. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

22 МАРТ

1. Свешт-мч. Василиј презвитер анкирски. Под царот Констанциј трпел многу од ариевците. И во тоа време се беше прочул како голем ревнител на православието и вистински пастир на словесното стадо во Анкира. А кога потоа на престолот седнал Јулијан Отпадникот и почнало гонењето на христијаните, Василиј јавно го разобличувал ова ново нечестие и ги утврдувал своите луѓе во верата. Затоа бил фрлен во самица. Па кога царот Јулијан дошол во Анкира, Василиј бил изведен пред царот и царот почнал да го наговара да ја остави Христовата вера, ветувајќи му почести и богатство. Тогаш Василиј му одговорил на царот: „Јас Му верувам на мојот Христос, од Кого ти си се одрекол и Кој тебе ти го даде ова земно царство, но тоа наскоро ќе ти биде и одземено. Зар не ти е срам од олтарот под кој се спаси од смртта како осумгодишно дете кога бараа да те убијат?... Затоа наскоро ќе ти се одземе ова времено царство и телото твое нема да биде погребано кога ќе ја испуштиш душата во лути маки“. Јулијан се разлутил и наредил на Василиј да му се дерат на ден по седум ленти кожа од телото. И така правеле мачителите неколку дена. Кога Василиј повторно излегол пред царот, тој зел самиот од себе една лента од својата сопствена кожа и му ја фрлил на Јулијан в лице, велејќи му: „Земи, Јулијане, и јади, ако таквото јадење ти е слатко, а мене Христос ми е живот!“ Таа случка се разгласила по градот, а царот од срам тајно се тргнал од Анкира во Антиохија. Василија, пак, продолжиле да го мачат со усвитено железо додека не Му ја предал својата душа на Господа за Кого многу страдал во 363 година.

2. Св. Дросида. Ќерка на царот Трајан. Била фатена со други пет жени кај што ноќе ги собира телата на пострадаоните маченици за Христа и поради тоа од царот остро тепана. Оние пет жени биле тешко мачени и најпосле фрлени во растопен бакар каде што своите души Му ги предале на својот Господ. А Дросида останала под строга стража. Но таа избегала од дворот и сама себеси се крстила во една река. По осум дена, Му ја предала својата душа на Бога.

3. Преп. мч. Евтимиј. Роден е во селото Димитцани на Пелопонез. Како момче живеел христијански, но подоцна отишол во Романија и таму се предал на голем разврат. Во тој разврат го навел лошиот дух да се потурчи. Но, штом го сторил тоа, почнал горко да се кае. Се вратил повторно во верата Христова и се замонашил во Св. Гора. По неколку години, поминати во тежок пост и молитва, се решил да умре за Христа. Со благослов на својот духовник отишол во Цариград каде некако успеал да излезе пред великиот везир. Пред везирот тој почнал да се крсти, да Го фали Христа и да го навредува Мухамеда. По долги тормозења, бил осуден на смрт и исечен на 22 март 1814 година, на Цветници. Од неговите мошти се случиле многу чудни исцеленија на болни. Неговата чесна глава се наоѓа во рускиот манастир „Св. Пантелејмон“ во Св. Гора. И така, ова дваесетгодишно момче прво Му умрело на Христа, а потоа за Христа.

РАСУДУВАЊЕ

Дури ни со маките на крстот Господ Исус не ги осудил грешниците туку го изнел пред Својот Отец извинувањето за нивниот грев, велејќи: „Не знаат што прават!“ И ние да не судиме никого за да не бидеме осудени. Бидејќи никој не е сигурен дека и тој до смртта нема да го направи оној ист грев за кој го осудува својот брат. Св. Атанасиј Синајски поучува: „Ако видиш дека некој греши, не осудувај го, бидејќи не знаеш како тој ќе го доврши својот живот. Оној разбојник распнат со Исуса беше човекоубиец. Јуда, пак, беше апостол Христов, па сепак, разбојникот влезе во Царството, а апостолот отиде во пеколот. Ако и видиш дека некој греши, ти не ги знаеш неговите добри дела. Бидејќи многумина погрешија јавно, а се покајаа тајно, ние ги гледаме нивните гревови, а нивното покајание не го знаеме. За-

тоа, брака, никого да не осудуваме за да не бидеме осудени".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса распнат на крстот, и тоа:

1. како е безгранична Неговата љубов за луѓето заслепени од гревот;
2. како на крстот Неговите мисли се повеќе упатени кон Отецот небесен отколку кон Себе;
3. како на крстот Неговите грижи се повеќе упатени кон луѓето отколку кон Себе;
4. како на крстот Он е сигурен во Својата победа и воскресението.

БЕСЕДА
за величеството на Христа Победителот

Главата и косата Му беа бели како бела волна, како снег, а очите Негови, како огнен пламен (Откр. 1:14).

Таков Го видел Исуса по воскресението и по победата Јован Боговидецот. Го видел како Син Човечки, облечен во долга облека, препашан со златен појас, со седум ѕвезди во десната рака, а лицето Му било како што свети Сонцето во силата своја. Во таква сила и слава се јавил Оној Кој на крстот бил незрачен и Кој за сите минувачи се чинело најнемоќен од синовите човечки.

Но, зошто косата Му била бела како волна и како снег? Зар не бил Господ одвај 34 години стар кога Го убиле? Од каде на Него бела коса? Зар белата коса не означува старост? Навистина белата коса кај смртниот човек означува старост, но кај Христа во слава таа означува повеќе од старост – вечност. Вечно млада старост! Староста е минато, а младоста е иднина. Зар Он не е и едното и другото во исто

време? И повеќе од сите времиња на минатото и сите времиња на иднината – надвремена вечност.

И зошто Му биле очите како пламен огнен? Тоа е затоа што Он сè гледа. Од Сонцето нешто и може да се скрие, но од Неговиот поглед не може да се скрие ништо што е на небото и на земјата и под земјата. Он ги просира сите влакна од сите ткаенини во природата; Он ги просира сите атоми во каменот, сите водени капки во морето, сите честички во воздухот, сите помисли и сите желби на создадените души.

Тоа е Оној истиот и никој друг, Кој од сострадална љубов кон човечкиот род слегол на земјата, се облекол во смртно и страдално тело, исмеан и поплукан бил од грешните луѓе. Тоа е Оној истиот Кој незрачен висел на крстот помеѓу разбојниците и бил погребан како мртовец од Јосифа и Никодима.

О браќа, колку е страшно да помислиме колку голем и величествен посетител имала Земјата! А уште пострашно е на Кого безумните луѓе кренале рака!

Господи величествен, прости ни ги нашите гревови и сети се и на нас во силата и славата Своја. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

23 МАРТ

1. Свешт-мч. Никон. Роден е во Неапол од татко незнабожец и мајка христијанка. Никон бил римски офицер во Неапол. И не бил крстен, иако мајка му, скришум од таткото, го поучувала во верата Христова. Еднаш кога отишол со својата чета во борба, мајка му го посоветувала, ако биде во неволја, да се прекрсти и да Го повика Христа на помош. И навистина кога во борбата Никоновата чета била опколена и сосема близу до конечна погибел, Никон се прекрстил и во срцето повикал кон Христа. Во тој миг тој се исполнил со необична сила, се втурнал кон своите непријатели и едни ги убил, а други ги натерал во бегство. Враќајќи се дома, Никон непрестајно во чудење извикувал: „Велик е христијанскиот Бог!“ Откако ја израдувал мајка си со веста за својата победа со помошта на крстот Христов, тој тајно отпловил во Азија каде што епископот Кизички Теодосиј го крстил. По крштавањето, се затворил во еден манастир каде што се предал на учење и на подвиг. Но пред смртта епископот Те-

одосиј имал видение во кое му било наредено за наследник да го ракоположи Никона. Старецот Теодосиј веднаш го повикал Никона и го ракоположил за ѓакон, потоа за презвитер и епископ. Со Божја промисла Никон наскоро дошол во Неапол каде што ја нашол својата мајка уште жива. По смртта на мајка си, тој се оддалечил со девет ученици, некогашни воени другари, во Сицилија, и таму се оддал на проповед на ***Еванѓелиешо***. Но во тоа време имало страшно гонење на христијаните. И кнезот Квинтијан го фатил Никона со другарите и ги подложил на големи маки. Неговите 190 ученици и другари биле исечени. А Никона мачителот го врзувал за опашките на коњите, па ги потерувал, го фрлал од висока карпа во провалија, го тепал, го стружел, но Никон сите тие маки ги преживеал. Најпосле бил исечен со меч и се преселил при Господа. Неговото тело било оставено во полето за птиците да го изедат. Но некое овчарче, со бесен дух, се сопнало и паднало на мртвото тело на Христовиот маченик и веднаш се исцелило. Тоа разгласило за телото на Никона, та христијаните дошле и чесно го погребале. Свети Никон пострадал во времето на царот Декиј.

2. Преп. Никон Печерски. Другар на св. Антониј Печерски и духовен отец на преподобниот Теодосиј. Поради потстрижувањето на бојарот Варлам и евнухот Ефрем бил загрозен од кнезот Изјаслав, но кнегињата го обрати гневот на кнезот во страв Божји и свети Никон бил оставен на мир. Сакајќи да го украси храмот со икони, Никон Му се молел на Бога за помош. И поради молитвите негови во Киев од Цариград дошле некои Грци – иконописци, на кои во видение им се јавиле св. Антониј и св. Теодосиј, и се упатиле во Киев кај Никона[6]). Бил прославен со своите смели подвизи и духовната мудрост. Во староста беше и преку својата волја игумен Печерски. Му се претстави на Господа во 1066 година. Неговите мошти нетрулежни се чуваат во Киевските пештери.

---

[6]) Во грчкиот *Синаксар* и во атонскиот *Пашерик* на овој ден се споменува и новомаченикот Лука, роден во Едрене. Како дете, Турците го фатиле во Цариград и го обрезале. Заради тоа многу го гризела совеста. Тој обрезанието го сметал за ѓаволски печат на себе што може да се уништи само со маченииштво за Христа. Замонашен во Света Гора, отишол со својот старец Висарион на Митилена и таму бил обесен од Турците на 23 март 1802 година. Како што висело телото на маченикот во воздухот, така испуштало миризливо миро.

РАСУДУВАЊЕ

Св. Пафнутиј го молел Бога да му открие на кого е тој (Пафнутиј) сличен. И слушнал глас кој му рекол: „Сличен си на трговец кој бара добри бисери, стани и не биди мрзлив!“ Но Бог не би рекол на секого од нас дека сме слични на трговец кој бара добри бисери, бидејќи многумина од нас не бараат бисери туку се затрупуваат со подебели слоеви на евтина прашина. Не е сѐ бисер што мрежата ќе го извади од дното на морето, туку тиња и песок. Но тие што не знаат се грабат за тињата и песокот како по бисери. Само трговецот кој го познава добриот бисер ја фрла мрежата во морето безброј пати и ја извлекува, истурајќи ги тињата и песокот додека не најде едно зрно бисер. Зошто Бог го споредува Пафнутија со трговец? Затоа што Пафнутиј го дал целиот свој имот и вложил голем труд и целото свое време некако да дојде до едно зрно вистински бисер. Тоа зрно вистински бисер е очистеното срце од страстите и лошите помисли и е загреано со пламенот на љубовта кон Бога. Стани и ти, човеку, и не биди мрзлив! Твојот пазарен ден се приближува кон првиот мрак.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса распнат на крстот, и тоа:

1. како сострадалната љубов кон луѓето кај Него не се смалила поради Неговите маки;
2. како со љубов ѝ пружа на мајката утеха, укажувајќи на Јована како на син, наместо на Себе;
3. како со љубов се моли на Отецот за луѓето: „Оче, опрости им зашто не знаат што прават!“

БЕСЕДА
за немоќта на човекот пред величествието на Бога

Штом Го видов, паднав пред нозете Негови како мртов. (Откр. 1:17).

Свети Јован паднал како мртов кога Го видел Господа Исуса во слава. Свети Јован, возљубениот ученик Исусов, евангелистот, девственикот, љубителот на Господа, ревнител на светињата – тој не можел да се одржи на нозете ниту во присебност кога Го видел својот учител во небесна слава и Неговата сила! Туку падна како мртов. Како ли ќе Го издржат присуството на Господа и Неговиот поглед како пламен огнен оние кои Му погрешиле, кои станале против Него, го хулеле Неговото име, ја презреле љубовта и жртвата Негова, го исмеале крстот Негов, ги погазиле Неговите заповеди, ја гонеле Неговата Црква, ги срамеле Неговите свештеници, ги убивале Неговите верници? Што ќе се случи со нив пред лицето Господово, ако свети Јован падна како мртов? Што ќе се случи со книжевниците кои прават разврат? Со воспитувачите кои ја убиваат верата во младите души? Со скептиците кои со својот сомнеж ги трујат луѓето? Со разбојниците и крадците? Со развратниците и чедоубијците? Што ќе се случи со непријателите Христови кога пријателот Христов падна како мртов пред неискажаната светлина на славата Негова?

Толкава е славата, и силата, и власта, и убавината, и господството, и светлината, и величеството на Господа Исуса воскреснатиот и вознесениот, што најблиските Негови другари, кои три години без страв го гледаа Неговото лице на земјата, паѓаат како мртви кога ќе Му го согледаат лицето на небесата по страданијата, смртта и победата!

Господи сеславен и сесилен, освети нè и оживи нè со силата и славата Твоја. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

24 МАРТ

1. Св. Артемон еп. Селевкиски. Во Селевкија е роден и воспитан. Кога св. апостол Павле дошол во тој град, го видел Артемона, го утврдил уште повеќе во верата Хри-

стова и го поставил за епископ на тој град. Артемон со љубов и ревност управувал со словесното стадо Христово, бил лекар на душите и телата човечки и се преселил во вечноста во длабока старост.

2. Преп. Јаков Исповедник. Пострадал за иконите од царот Лав Ерменецот. Бил монах и собрат на Студитскиот манастир. Па кога великиот Теодор Студит бил в затвор, Јакова го ставиле на големи маки за да се одрече од иконопочитувањето. Но тој останал истраен и верен на православието до крај. Претепан и измачен го вратиле назад во манастирот кога лошиот цар Лав лошо го завршил животот. Во манастирот умрел од тешките рани и се преселил меѓу небесните граѓани.

3. Свешт-мч. Партениј патријарх Цариградски. Родум од островот Митилена. Бил епископ Хиоски подолго време. Потоа бил избран за патријарх. Но по лажните доставувања дека работел против државата, Турците прво го нуделе да се потурчи, а кога тој тоа решително го одбил, го обесиле во 1657 година.

4. Спомен на чудото во Печерскиот манастир. Двајца другари, Јован и Сергеј, се збратимиле пред иконата на св. Богородица во тој манастир. Јован бил богат човек и имал петгодишен син Захариј. Јован се разболел и пред умирање го препорачал својот син на грижата на Сергеј, и му оставил на Сергеј на чување доста сребро и злато, со обврска овој тоа да му го врачи на Захариј кога ќе порасне. Но кога Захариј пораснал, Сергеј одрекол дека нешто примил од умрениот Јован. Тогаш Захариј му рекол да се заколне пред онаа иста икона на Пресвета Богородица, пред која што се збратимиле со неговиот покоен татко дека ништо не примил од Јована, па ништо нема ни да му бара. Сергеј се согласил. Но кога се заколнал, сакал да пристапи да ја целива иконата, но некоја сила го држела подалеку и не допуштала. Тогаш наеднаш почнал бесно да вика: „Свети отци Антониј и Теодосиј, не давајте да ме погуби овој немилостив ангел!“ Тоа демонот го беше нападнал по Божјо допуштање. Потоа ги посочил сите пари што Јован ги оставил. Но кога отвориле, ја нашле таа сума удвоена. Таа сума се удвоила со Промислата Божја. Примајќи ги парите, Захариј ги дал на манастирот, а самиот тука се потстрижал за монах, проживеал долго, се удостоил на големи дарови Божји и се преселил мирно во вечноста.

5. Преп. Захариј. Син на Карион Египќанецот, кој ја оставил жената и децата и се замонашил. Захариј го зел татко му кај себе, бидејќи мајка му не можела да го прехрани. Иако помлад од многуте старци во Скитот, станал подобен на поголеми благодатни дарови отколку мнозина старци. Од благодатта Божја чувствувал како да му гори целата внатрешност. На прашањето на св. Макариј кој е вистинскиот монах, Захариј одговорил: „Оној којшто непрестајно се принудува на заповедите Божји". А на прашањето на ава Мојсеј што значи да се биде монах, Захариј ја симнал својата камилавка и ја згазил со нозете, па рекол: „Ако човекот не биде вака скрушен со духот, не може да биде монах!" Бил големо светило меѓу монасите во пустината и млад се упокоил во Господа.

РАСУДУВАЊЕ

Патувале некогаш авва Данило и авва Амој. Авва Амој рекол: „Оче, кога ќе стигнеме во келијата?" (т.е. да би можеле да се молиме на Бога). Авва Данило одговорил: „А кој сега ни Го одзема Бога? И во келијата е Бог и надвор од келијата е истиот Бог". Со ова се учиме за непрестајност на молитвата, размислување за Бога и созерцување на Божјото делување во нас и околу нас. Храмот ја олеснува и ја зајакнува молитвата. Исто така и затвореноста и осаменоста на свој начин ја олеснува и ја засилува молитвата. Но кој не сака да се моли, ниту храмот, ниту келијата нема да го врзат. Ниту, пак, силата на природата и патувањето ќе можат да го одвојат од молитвата оној кој ја почувствувал сладоста на молитвата.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса распнат на крстот, и тоа:

1. броејќи ги капките од Неговата пречиста крв и броејќи ги моите гревови;
2. броејќи ги Неговите болни воздишки и броејќи ги глупавите денови на мојата смеа.

БЕСЕДА
за верноста во страдањето и венецот на животот

Не бој се воопшто од она што ќе има да претрпаш... Биди верен до самата смрт и ќе ти го дадам венецот на животот. (Откр. 2:10).

Господ со своето страдање ги олеснил нашите страдања. Он претрпел најголеми маки и излегол како победник; затоа Он може да нè охрабрува во нашето мало страдање. Он страдал и трпел на правина, а ние страдаме и трпиме отплатувајќи ги своите гревови. Затоа Он може двојно да нè опоменува, да истрпиме до крај, како што Он, безгрешниот, истрпел. Нему никој од нас не Му помогнал ниту Му ги олеснал маките и трпењето, а Он стои зад секого од нас кога страдаме и ни ги олеснува нашите маки и неволји. Затоа Он има право да каже на секој страдалник заради Неговото име: „Не плаши се! Не плаши се воопшто од она што ќе претргаш", вели Он, „бидејќи Јас ги поднесов сите страдања и ги познавам; и од ниедно страдање не сум се уплашил, туку сите ги примив на Себе и истите на крајот ги победив. Јас не ги победив, отфрлајќи ги или бегајќи од нив, туку примајќи ги доброволно сите на Себе и поднесувајќи ги сите до крај. Така и ти прими ги на себе доброволно страдањата, а Јас гледам и знам колку ти можеш да поднесеш и до кога".

„Ако страдањата траат и до смртта, ако тие и смрт ти предизвикаат, сепак, не плаши се: ќе ти дадам венец на животот. Ќе те крунисам со бесмртен живот, вечен во кој Јас царувам со Отецот и животворниот Дух. Бог не те ни испратил на земјата угодно да живееш, туку да се приготвиш за бесмртен живот. Жалоста би била голема кога твојот Создател не би можел да ти даде подобар, подолг и посветол живот отколку што е тој на земјата, кој целиот заудира на гнилеж и смрт и кој е пократок од животот на гавранот".

О браќа мои, да го послушаме зборот на Господа и сите страдања ќе ни олеснат. Ако ударите на светот сега ни се чинат како тврди камења, кога ќе Го послушаме Господа, тие ќе станат како морска пена.

Господи, Победителу, научи нè на Твојата долготрпеливост. И кога ќе малаксаме, пружи ја Твојата рака и поддржи нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

25 МАРТ

1. Св. Благовештение. Кога на Пресветата Дева ѝ се навршиле единаесет години престојување и служење при храмот ерусалимски, и четиринаесет години од раѓањето, значи, кога стапи во 15. година од животот, свештениците ѝ соопштиле дека, според законот, таа повеќе не може да остане при храмот, туку треба да се прстенува и да стапи во брак. Но колку големо изненадување за сите свештеници бил одговорот на Пресветата Дева дека таа Му се посветила на Бога и дека сака да остане девојка до смртта не стапувајќи со никого во брак! Тогаш, по промислата и вдахновение Божјо, првосвештеникот Захарија, таткото на Претечата, во договор со останатите свештеници, собрал 12 мажи без жени од племето Давидово за на еден од нив да му ја врачат Дева Марија на чување на нејзиното девојчинство и на старателство за неа. И му била врачена на стариот Јосиф, од Назарет, кој имал преку 60 години, кој ѝ бил и роднина. Во домот Јосифов пресветата Дева продолжила да живее исто како и во Соломоновиот храм, поминувајќи го времето во читање на ***Светото писмо***, во молитви, богоразмислување, пост и работа. Скоро никогаш од куќата не излегувала, ниту се интересирала за светски работи и случувања. Воопшто, малку со кого говорела и никогаш без особена потреба. Најчесто во куќата општела со двете ќерки на Јосифа. Но кога се исполнило времето проречено од пророкот Даниил и кога Бог благоволил да го исполни Своето ветување дадено на изгонетиот Адам и на пророците, се јавил великиот архангел Гаврил во одајата на пресветата Дева, и тоа, како што пишуваат некои свештени писатели, во моментот токму кога таа ја држела отворена книгата на пророкот Исаија и размислувала за неговото големо пророштво: „Ете, Девица ќе зачне и ќе роди Син!“ Гаврил ѝ се јавил во архангелска светлина и ѝ рекол: „Радувај се, благодатна! Господ е со тебе!“ и останатото редум како што пишува во ***Евангелието*** на божествениот Лука. Со оваа архангелска благовест и со слегувањето на Светиот Дух на Пречистата Дева, започнува

спасението на луѓето и обновувањето на созданијата. Историјата на ***Новиот завет*** ја отворил архангелот Гаврил со зборовите: „Радувај се!“ да означи со тоа дека ***Новиот завет*** ќе значи радост за луѓето и за сето создание. Оттаму и Благовештението се смета, колку голем толку и радосен празник.

2. Св. мч–чки Пелагија, Теодосија и Дула. Овие три свети жени пострадале за Господа. Пелагија и Теодосија, по самувањето и маките, биле заедно со меч исечени. А светата Дула, која била слугинка, и самата пострадала и умрела во градот Никомидија. Три бели рози, полеани со маченичка крв, ги пресадил Бог во Својата небесна градина.

РАСУДУВАЊЕ

Го прашале авва Атанасиј: „Како е можно Синот да е рамен на Отецот?“ Тој одговорил: „Како што се две очи, а еден вид“. Прекрасен одговор. Покрај ова, ние можеме да додадеме: како што се две уши, а еден слух. Исто така и за сите три Божји ипостаси: како што има три свеќи, а една иста светлина.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да ја созерцавам Пресвета Дева Марија, и тоа:

1. како смирено, послушно и предано Му служела на Бога 11 години во храмот;

2. како смирено, послушно и предано Му служела на Бога во својата одаја во Назарет;

3. како смирено, послушно и предано ја примила божествената благовест од архангелот Гаврил.

БЕСЕДА
за семоќта на зборот Божји

Зашто нема да остане во Бога ниеден збор без сила (Лк. 1:37).

И рекол Бог да биде светлина и би светлина: додека Бог не рекол, светлина немало. Ниту некој друг имало што

би знаел што е светлина додека Бог не рекол и додека светлината не постанала. Исто така, кога Бог рекол, тогаш постанала водата и сувата земја, и сводот ѕвезден, и растенијата, и животните, на крајот и човекот. Додека Бог не рекол, ништо од сето тоа немало, ниту било кој друг, освен Бог, знаел дека сето тоа може да постои. Со силата на Својот збор Бог создал сѐ што создал на небото и на земјата. Што и да посакал Бог да биде, и ќе речел тоа да биде, тоа морало да биде, и не можело да не биде, бидејќи зборот Божји е неодолив и творечки. Создавањето на светот е големо чудо на зборот Божји.

Создавајќи ги овие твари, Бог, пак, со Својот збор поставил ред и начин на постоење на сите твари и однесувања на тварите кон тварите. И тој ред и начин којшто Бог го поставил е големо чудо на зборот Божји.

Но постои ред и начин помеѓу тварите, видлив и достапен за нас луѓето, а постои ред и начин невидлив и недостапен. Според тој невидлив и недостапен ред и начин, кој е тајна на Светата Троица, се случија и се случуваат оние појави што луѓето ги нарекуваат посебни чуда. Една таква појава е безмажното зачнување на Господа Исуса Христа во утробата на Пресвета Дева Марија. Тоа изгледа упаѓање во видливиот и достапен ред и начин. Тоа раѓање е навистина големо чудо, можеби и најголемо чудо што ни е откриено на нас смртните. Но и целиот создаден свет е чудо и целиот видлив и достапен ред и начин е чудо, и целото тоа чудо станало со зборот Божји, исто така, како што и Господ се зачнал во утробата на девицата. И ова и тоа се случило со силата на зборот Божји. Затоа чудесниот Гаврил ѝ одговара на Пречистата на нејзиното прашање, кое е прашање за сите поколенија: „Како може тоа да биде?“ – тој ѝ одговара: „За Бога е сѐ можно што и да рече!“

О Господи Боже, Создателу наш, бесмртен и постојан Чудотворецу, вразуми го нашиот ум за повеќе да не се сомнева, но да верува и вразуми го нашиот јазик, повеќе да не прашува, туку Тебе да те прославува. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

26 МАРТ

1. Св. архангел Гаврил. Благовесник на воплотувањето на Синот Божји. Тој е еден од седумте велики ангели што стојат пред престолот Божји. Тој му јавил на Захарија за раѓањето на Претечата (Претходникот) и самиот за себе рекол: „Јас сум Гаврил кој стои пред Бога“ (Лука 1:19). Неговото име, Гаврил, означува маж – Бог. Светите отци, говорејќи за Благовештението, толкуваат дека е испратен ангел со такво име за да означи Кој и Каков ќе биде Оној што треба да се роди од Пречистата. Значи, ќе биде маж – Бог, крепок, силен Бог. Некои дознале дека истиот Гаврил им јавил на Јоаким и Ана за раѓањето на Дева Марија и дека тој го поучувал Мојсеја во пустината како да ја напише книгата *Битие*. Светите отци мислат дека Гаврил припаѓа на првиот и највисокиот чин на небесните сили, т.е. на серафимскиот чин, бидејќи серафимите стојат најблизу до Бога. Значи, тој е еден од седумте најблиски на Бога серафими. Имињата на тие седуммина се: Михаил, Гавриил, Рафаил, Уриил, Салатиил, Јегудил и Варахил. На овој број некои го додаваат и Јеремил. Секој има своја посебна служба, а сите се рамни по чест. Зошто Бог не го испратил Михаил? Затоа што Михаиловата служба е сокрушение на противникот на верата Божја. А Гавриловата служба е благовестието на човечкото спасение.

2. Свешт-мч. Иринеј еп. Сремски. Се мисли дека бил Словен и дека пред епископството бил женет и имал деца. Пострадал за Христа во времето на Максимијан. Во времето на тешките мачења неговите роднини стоеле околу него и плачејќи го молеле да се поштеди себеси и нив (т.е. да се одрече од Христа). Но овој прекрасен свештеномаченик ги љубел повеќе раните за Христа отколку сите блага на овој свет. Во истото време од Проб пострадале и еден бавчанџија во Срем, Серен и Афр во Регија. Бидејќи Иринеј никако не сакал да се одрече од верата, кнезот Проб наредил да бидат фрлени од еден мост во реката Сава каде што овој пастир на стадото Христово завршил и се преселил меѓу граѓаните небесни. Чесно пострадал во 304 година.

3. Преп. Малх. Малх бил земјоделец од близината на Антиохија. Од младоста го управил сиот свој дух кон Бога. Арапите го заробиле и го присилиле да земе за жена Црнкиња. Но тој и неа ја привел кон верата Христова и поживеал со неа како брат со сестра. Се договориле и избегале од`роп-

ството. Но Арапите за малку што не ги стасале. Тие се засолнале во една пештера, во која виделе лавица со своите млади и се уплашиле. Но Бог ги сочувал. Лавицата не ги повредила, а заклала еден Арап, кој сакал да влезе во пештерата и да ги фати бегалците. Стигнувајќи во своето место, Малх ја дал својата жена во женски манастир, а тој отишол во машки. Проживеал многу лета, подвизувајќи се, и се преселил меѓу небесните граѓани во IV век.

4. Преп. Василиј Новиот. Прво живеел во шума, без покрив и огниште. Кога го фатиле и прашале кој е, тој одговорил: „Еден од живите на земјата". Се посомневале во него дека е некој шпион, та многу го мачеле. Најпосле во слобода проживеал многу години во Цариград. Предвидувал во сите човечки тајни, ја претскажувал иднината, правел големи чуда. Негова послушница била старицата Теодора, која кога умрела му се јавила на Григориј, послушникот Василиев, и му опишала 20 воздушни митарства (царини) низ кои, по смртта, секоја просветлена, крстена душа мора да помине (а некрстените веднаш се фрлале во пеколот) и ѝ се одредува место на чекање до страшниот суд, до Второто Христово доаѓање. Св. Василиј мирно завршил на 25 март 944 година и се преселил во прекрасните небесни обиталишта. Бил виден после смртта во голема слава на небесата од еден цариграѓанин.

РАСУДУВАЊЕ

Кога чудото ќе се случи, нека не те збунува, туку да те весели. Тоа Бог го подал Својот прст било да награди или да казни, или, пак, да ги охрабри Своите верници, или да го изведе грешникот на патот на спасението.

Овој свет луѓето го споредуваат често со огнени коли. Кога ќе видиш една локомотива или некоја друга парна машина, ти знаеш дека во нив е скриен машиновозачот. И ништо не те чуди, нели, ако машиновозачот ја подаде својата глава од машината или замавне со раката, или го пружи стапот и се размавта со марамата, или ако фрли надвор писмо, или ако направи некој друг знак, ти знаеш дека со тоа не се пореметува работата на локомотивата, ниту нешто друго се расипува во неа. Зошто тогаш неверниците говорат дека Бог со Своите чуда го пореметува одењето на светските коли? Затоа што се тапоумни. А верниците се радуваат на

знакот Божји како исплашено дете пред огнените коли што се радува, кога човекот – сличен на него – ќе се подаде од колите. О колку ни е мило на нас, кога зад немата вселена што бревта околу нас, ни се подаде некој сличен на нас, и тоа уште некој кој нѐ познава и нѐ сака! Кога ќе се случи чудо, знај, дека Сличниот на нас не поздравува и ни говори: „Не плашете се. Јас сум зад сето тоа!“ Св. Василиј Новиот правел многу чуда: со молитва исцелувал болни, судбини човечки читал како од отворена книга. Преку Својот угодник, како и секогаш, Бог ја покажувал Својата љубов и силата на луѓето, верниците за да се утврдат во верата, а неверниците да се посрамат и да се обратат во верата.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса распнат на крстот, и тоа:

1. како Он го искористува последниот здив од животот и спасува еден разбојник на крстот;

2. како Го предава Својот Дух во рацете на Отецот. „Оче, во Твоите раце Го предавам Својот Дух“.

БЕСЕДА
за скорото доаѓање на Господа

Еве, доаѓам скоро (Откр. 22:7).

Ќе речат неверниците и душегубителите: „Ветил пред две илјади години дека ќе дојде, па уште не доаѓа!“ Така се потсмеваат оние кои ќе лелекаат во вечна мака. А ние, кои се подготвуваме за радост во Неговото царство, знаеме дека Он ќе дојде во сила и слава како што и ветил.

Ние знаеме дека Он веќе дошол безброј пати и им се покажал на Своите верници. Зар не дошол кај Јован Боговидецот, кому му ги рекол оние зборови: „Еве, скоро доаѓам“. Јован го гледал во сила и слава, и ја осетил Неговата рака на себе кога се уплашил и паднал пред Неговите нозе како мртов. И ја стави Својата десница на мене. Зар не дошол кај Савле кога овој прво вдишувал омраза кон христијаните и кога на патот за Дамаск паднал на земјата гледајќи Го Господа и слушајќи го Неговиот глас: „Савле, Савле, зошто Ме

гониш?“ И пак, зар Он не дошол во срцето на апостолот Павле кога овој признава: „Не живеам Јас, туку Христос живее во мене!“ И зар Он не дошол кај многубројните маченици и маченички за Неговото име да ги охрабри, исцели и помилува? Зар Он не им се јавил на Антониј Велики, на Теодор Стратилат, на св. Харалампиј, на света Марина, на св. Силвестер и на толку и толку други?

Но, што зборуваме. Зар Он во третиот ден не се вратил од царството на смртта и дошол кај апостолите? И зар не дошол многупати на помош на Црквата и ја воскреснувал како од мртвите кога и да ликувале Неговите непријатели, мислејќи дека засекогаш неговата Црква ја предале на смрт? Зар Он не се покажал со Својата сила во Црквата и тоа за време на Нерон, како и за времето на Константин; во времето на Јулијан, како и во времето на Јустинијан; во времето на арапското угнетување, како и за време на турското и монголското угнетување на христијаните?

О браќа мои верни, не залажувајте се. Он дошол безброј пати и ден–денес, доаѓа. Кај секоја душа, кон која може да пристапи од нечистотија, Он доаѓа. Па сепак ние сите Го чекаме да дојде за последен пат во сила и во слава. И знаеме дека тоа Негово доаѓање е сигурно.

Господи преблаг, пред да дојдеш, удостој нѐ да Го познаеме Твоето лице и да се засрамиме од своето лице што е со гревот помрачено! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

27 МАРТ

1. Св. мч-чка Матрона. Како девојка–сирак била слугинка во куќата на еден Евреин во Солун. Жената на тој Евреин непрестајно ѝ се потсмевала на Матрона поради нејзината вера во Христа и ја наговарала да Го отфрли Христа и да оди во синагогата. Но кротката Матрона одела по својата работа и не ѝ одговарала на својата госпоѓа ништо, а тајно Му се молела на Христа Бога. Еднаш Еврејката дознала дека Матрона скришум од неа отишла в црква, па целата гневна ја прашала зошто не отишла во синагога туку в црква? На тоа Матрона одговорила: „Затоа што во христијанската црква Бог живее, а од синагогата еврејска Он отстапил“. Бесна поради мажествениот одговор, Еврејката ја ис-

тепала и ја затворила во една мрачна одаја каде што, освен тоа, уште и ја врзала. Но утредента ја нашла одврзана со силата Божја како клечи на молитва и Го фали Бога. Потоа во два наврати повторно ја затворала, додека најпосле со глад не ја умрела. Тогаш опаката жена го зела телото на светата девојка и го фрлила од височината на својата куќа на земјата. Христијаните го зеле телото на маченичката и чесно го погребале, а епископот Александар, дознавајќи за многуте случени чуда од светата маченичка, подигнал црква на нејзиниот гроб. А злобната Еврејка наскоро ја стигнала праведна казна од она истото место на куќата од кое го фрлила долу телото на Матрона, таа се лизнала, паднала на калдрмата, се раздробила и умрела.

2. Преп. Јован Проѕорлив. Бил дрводелец до својата 25. година. Потоа, гонет со неодоливата желба за непрестајна молитва, се оддалечил в пустина каде што проживеал до својата смрт, т.е. до деведесеттата година. Телесен, но како бестелесен. Проѕирал во срцето на секој човек што ќе му се доближел и можел да го погоди неговото име, неговата желба и мисла. Му го прорекувал на царот Теодосиј исходот на неговите битки; им прорекувал на војводите, на монасите и на секого што имал потреба да дознае што се крие за него во темнината на идните денови. Некој кнез го молел да ја прими неговата жена, која особено посакала да го види. Светителот не сакал да ѝ удоволи на празната радозналост, но на сон ѝ се јавил на жената на кнезот онаков каков што е. И кога жената го опишала видението, нејзиниот маж потврдил дека е навистина таков ликот на светителот. Секој свој посетител го поучувал на смирение, како на основна добродетел, секогаш наведувајќи примери од животот, како горделивоста многу возвишени карактери ги кутнала во правот и ги навела на тешки гревови. Издржал големи напади од злобните духови. Еднаш му се јавил сатаната со мноштво демони во вид на сјајни ангели. И овие го гонеле да му се поклони на сатаната, лажејќи го дека е тоа Христос. А тој одговорил: „На мојот Цар Исуса Христа јас Му се поклонувам секој ден; да е тоа Он, не би имал потреба од мене особено сега да Му се поклонам“. По тие зборови, сета злобна сила исчезнала како чад. Завршил мирно, клечејќи на молитва, во својата 90. година.

3. Преп. Пафнутиј. Ученик на св. Антониј Велики. Со светоста на својот живот обратил мнозина грешници на патот на покајанието (како што е св. Таиса, 8 октомври). По-

веќе личел на бестелесен ангел отколку на телесен човек. Се упокоил кон крајот на IV век.

РАСУДУВАЊЕ

„Кој помислува за зло, во него нема чистота“, вели св. Симеон Нов Богослов, па уште додава: „Како може да има чисто срце оној кој се валка со нечисти помисли како огледалото што потемнува од прашината?“ Гледаш ли на колкава височина стои Христовата религија над сите останати вери и светски мудрувања. Кој само ќе помисли на зло-то, макар и да не прави никакво зло, виновен е пред Бога и пред својата душа. Бидејќи го навредува Бога, а својата душа ја губи. Да се биде христијанин во вистинска смисла, значи да се вложи огромен напор за исчистување на своето срце и својот ум од лоши помисли. Каков е тој напор, за тоа постои цела наука, која во наши дни постанала сосема заклучена дури и за христијаните, и едно огромно вистинско искуство на светите луѓе и жени кои оваа наука ги оправдува. Да се исчистиме себе си од лоши и нечисти помисли, од овој корен на сите лошотии, било цел на сите големи подвижници, пештерници и безмолвници.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса во смртта, и тоа:

1. како Он, Кој ги воскреснувал мртвите, виси на крстот мртов по тело;

2. како Он умрел заради нас за ние да имаме повеќе живот и повеќе вистина за бесмртниот живот.

БЕСЕДА
за христијаните како цареви и свештеници

И нè направи пред нашиот Бог цареви и свештеници; и ќе царуваме на земјата (Откр. 5:10).

Господ Исус сака сите луѓе да ги направи слични на Себе. Како Син Божји Он сака сите луѓе да бидат посинети.

Како Цар Он сака и тие со Него да бидат цареви. Како свештеник – да Му бидат сослужители. Како Семоќен – да учествуваат во Неговата моќ. Како Бесмртен - да учествуваат во Неговата бесмртност. Како Свет – да учествуваат во Неговата светост. Како воскреснат – сите да бидат деца на воскресението. Тоа Господ го сакал и затоа и слегол на земјата за да нѐ издвои од животните, да нѐ воздигне над животинскиот живот и да ни даде достоинство над сета видлива твар, какво што достоинство имал Адам во Рајот пред гревот.

Заради овој човекољубив, и за луѓето, спасоносен план, Господ од еврејските старешини бил распнат на крстот, а и од нас христијаните досега безброј пати пожнеал трње на неблагодарност и неразбирање. Ние се покажуваме неблагодарни и неразумни кога ги поништуваме и ги газиме Неговите заповеди. Со своите гревови секој грешник плете нов трнов венец и го поставува на Неговата света глава. Кога тој нѐ навредил така да правиме? Кога Он, на било кој од нас, ни помислил зло, та со зло да Му враќаме? Тој се симнал во нашата смрдлива јама каде што ние сме привикнале на живот со змиите и акрепите и нѐ повлекол нагоре, кон височина, на светлина, чистота, во царството. Он сака да нѐ направи цареви и свештеници, а ние ја отфрламе Неговата спасоносна рака и се враќаме во јамата кај змиите и акрепите.

О браќа, доволно е тоа понижување кон Него! Да се фатиме крепко за раката на својот Спасител и да тргнеме по Него. Он ни посакува добро. Он ни прави добро. Он за наше добро пострада. Он е единствен, единствен наш пријател кој не се менува.

Господи, на Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

28 МАРТ

1. Преп. мч. Евстратиј Печерски. Бил мошне богат, но трогнат со љубовта Христова, сиот имот го раздал заради Христа, стапил во Печерскиот манастир и се замонашил. Кога Полјаците завојувале против Киев во 1097 година, го ограбиле манастирот, мнозина христијани и монаси исекле, а Евстратија со уште некои верници го продале во ропство на некој Евреин во градот Корсун. Тој Евреин ѝ се потсмевал на верата Христова и ги присилувал христијаните да

преминат во еврејската вера. Гледајќи дека нема друг излез, сите решиле со глад да умрат, но од вистинската вера да не се одречат. На таа одлука христијаните ги охрабрил Евстратиј. И сите изумреле од глад, некој после три, некој после четири, а некој после седум дена. Научен на пост, Евстратиј издржал 14 дена без храна. Разгневен Евреинот што му пропаднале парите со кои ги купил робовите, му се одмаздил на Евстратија на тој начин што го приковал на крст. Но Евстратиј од крстот Му благодарил на Бога и му прорекол на Евреинот лута и скорешна смрт. Бесен, од лутина, Евреинот го пробол со копје. И така, светителот Божји, Му ја предал својата душа на својот Спасител. Телото му го фрлиле в море, но тоа исипливало и големи чуда се случиле над тоа маченичко тело. Наскоро потоа византискиот цар наредил да се казнат Евреите во Корсун за злобата кон христијаните. И тој мачител бил обесен на дрво, и ја примил платата на Јуда.

2. Преп. Иларион Нов Исповедник. Бил игумен на манастирот „Пеликити" близу до Хелеспонт. Како сонце просветил со Духот Божји и ги исцелувал болестите на луѓето и ги прогонувал лошите духови. Во времето на Лав Ерменецот настанало иконоборечкото гонење, во кое пострадал и овој Божји човек. Со своите 40 монаси бил испратен во заробеништво близу до Ефес и таму завршил во самица во 754 година и се преселил во Царството Христово.

3. Преп. Исихиј Ерусалимски. Презвитер и голем богослов. Ученик на св. Григориј Богослов. Треба да се прочита неговото славно дело „За трезвеноста и молитвата". Бил современик на св. Ефтимиј Велики. Мирно се упокоил околу 434 година.

4. Св. мч. Бојан, кнез бугарски. Бил син на Крутогон, а внук на Грубош. Ја исповедал верата Христова, додека неговиот брат Миломир бил незнабожец. По наредба на својот брат бил исечен за вистинската вера во 827 година.

5. Чудна случка со Таксиот, војникот од Картагина. Целиот живот го поминал во тешки гревови, но најпосле се покајал, ја оставил војничката служба и живеел богоугодно. Излегувајќи еднаш со својата жена на својот имот близу до градот, направил прељуба со жената на својот аргат и веднаш потоа го каснала змија и умрел. Бил мртов шест часа, а потоа станал и дури во четвртиот ден проговорил и раскажал како–така поминал низ другите митарства додека не дошол до митарството на блудот. Тука паднал во мрачното обиталиште на демоните, од каде бил изведен со заземањето

на еден ангел и бил испратен повторно во телото да го покае својот последен грев. И се каел 40 дена, одејќи од црква до црква и удирајќи со главата на вратите и праговите. Само плачел кажувајќи ги страшните маки во кои грешниците живеат во оној свет и ги преколнувал луѓето да не грешат и да се покајат за веќе сторените гревови. На четириесеттиот ден со радост се преселил во Царството на милостивиот Бог.

РАСУДУВАЊЕ

Свети Симеон Нов Богослов, раскажувајќи за еден прекрасен младич од 20 години, Георгиј по име, како и покрај убавината и младоста, живеејќи среде суетниот свет, го познал патот кон спасенеито и се просветил со духовна мудрост, завршува со овие зборови: „Разбирате ли дека ниту младоста ни пречи, ниту староста ни е корисна, ако човекот нема разум и страв Божји?“ Што му пречела младоста на апостолот Јован да поверува во Христа Господа, а што им користела староста на еврејските старци кога со умот биле слепи и во своето слепило Го осудиле Синот Божји на смрт? Ништо. Ништо не им пречи младоста на младите и во наши дни да ја подарат верата и љубовта на Христа, Кој од љубов и ги создал. И ништо не им користи на старците од нашите дни нивната старост, ако душата им е затруена со злоба кон Христа. Младо и старо тело не е ништо друго туку нова и стара облека на душата. И едната и другата облека може да ја крие здравата или болната душа. А нашата цел е: здрава и чиста душа.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса во смртта, и тоа:

1. како сета твар се поколебала кога Он издивнал како да протестира против злосторничкиот човечки род;
2. како земјата се затресла, Сонцето се помрачило, карпите паднале, црковната завеса се расцепила, гробовите се отвориле.

БЕСЕДА
за ужасот на природата при смртта на Господа

И земјата се затресе и карпи паднаа (Мт. 27:51).

О каков страшен укор на луѓето! И мртвата природа Го познала Оној Кого луѓето не можеле да Го познаат. Сета нема твар се поколеба и застанала на свој начин и на свој јазик да протестира. Немата земја се тресела – тоа е нејзиниот јазик. Карпите падналe – тоа е нивниот јазик. Сонцето ја задржало својата светлина – тоа е неговиот јазик. Секоја твар на свој начин протестирала. Зашто секоја твар е покорна како некогаш Адам во Рајот. Бидејќи Него секоја твар Го познава како Адама во Рајот. Како е тоа можно бесловесните твари да го познаат и да Му бидат послушни тоа ние не го знаеме. Тоа е некакво внатрешно чувство на тварите што им дошло до зборот Божји со кој се создадени. И тоа чувство на бесловесните твари повеќе вреди отколку човечкиот разум помрачен со гревот. Од сѐ што постои ништо не е послепо од разумот на човекот помрачен со гревот. Бидејќи тој не само што не го гледа она за што е создаден да гледа, туку го гледа она што е спротивно на битието, спротивно на Бога, спротивно на вистината. Тоа се степени на слепило под слепило, тоа се бројки под нулата. Тоа е човекот понизок од тварите. Бидејќи, додека свештениците во Ерусалим не Го познаа својот Бог, Го познаа бурите и ветровите, Го познаа билките и животните, Го познаа морињата и реките, и земјата, и карпите, и ѕвездите, и Сонцето, па и самите демони. О каков срам за луѓето!

Земјата се затресла, карпите се распаднале, а Сонцето се помрачило, колку поради гневот, толку и поради жалоста. Целата природа се разжалостила за маките на Синот Божји, на чии маки се радувале ерусалимските свештеници. И протест, и жалост и страв. Се уплашила целата твар од смртта на Оној кој ја повикал да стане од ништо и да се радува на битието. Како да сакала да каже: „Со кого сега остануваме и кој ќе нѐ одржува кога Седржителот издивна?“

О браќа, да се засрамиме од овој протест, од оваа жалост и од овој страв на немите твари! Со покајание да извикаме кон Господа, Победителот: „Опрости ни, милосрден Господи, опрости ни, бидејќи навистина кога грешиме и Те

навредуваме, не знаеме што правиме". На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

29 МАРТ

1. Св. Марко Исповедник еп. Аретусиски во Сирија. За неговото страдање известуваат св. Григориј Богослов и блажениот Теодорит. Според тие извештаи Марко, во времето на царот Константин, разорил некој незнабожечки храм и превел многина во верата Христова. Но кога дошол царот Јулијан на престолот и наскоро постанал отстапник од верата Христова, тогаш и некои аретусиски граѓани се одрекле од Христа и му се вратиле на незнабоштвото. И сега тие станале против Марка затоа што им го разорил храмот, барајќи тој или храм да соѕида или да плати некоја голема сума пари. Бидејќи старецот Марко откажал да направи било што од тие две работи, бил тепан, исмеван и низ улиците влечен. Потоа му ги отсекле ушите со тенок и јак конец, потоа го слекле и со мед го намачкале, па го оставиле врзан за дрво на летната горештина за осите, комарците и стршените да го касаат. Но маченикот Христов сѐ претрпел без офкање. Бил сосема стар, а во лицето светол како ангел Божји. Незнабожците сѐ пониско ја спуштале цената на својот храм, барајќи најпосле од Марка некоја сосема незначителна сума, која тој лесно можел да ја даде. Но тој се одрекол да даде и една паричка за таа цел. Неговата трпеливост направила огромен впечаток на граѓаните поради што тие почнале да му се восхитуваат и да го жалат, па поради тоа и ја спуштале цената на својот храм скоро до ништо, само тој да остане во живот. Најпосле го пуштиле на слобода и еден по еден пак сите примиле поука од него и се повратиле во верата Христова. За слично дело пострадал во тоа време и ѓаконот Кирил од градот Илиопол под горета Ливан. Тој искршил некои идоли во времето на слободата на христијанството, та под Јулијан за тоа бил остро мачен. Толку биле лути на него озлобените незнабожци што кога го убиле со своите заби му ја расекле и му ја отвориле утробата. Истиот ден пострадале и многу други. Злобните незнабожци ги исекле нивните тела на парчиња, ги измешале со јачмен и им ги дале на свињите. Но казната ги стигнала набрзо: на сите им

испадналe забите и на устата им избила неиздржлива смрдеа.

2. Преп. Јован Пустиник. Бил син на некоја жена христијанка Јулијана, во Ерменија. Уште како момче ја оставил својата мајка и избегал в пустина. Сиот пламтел од љубов кон Христа Господа. Во пустината прво се предал на раководството на духовникот Фармутиј, кој толку се удостоил кај Бога што ангел Божји секој ден му донесувал леб. Потоа младиот Јован се оддалечил и се повлекол во самотија. Се спуштил во некој бунар. Во него поминал 10 години во пост, молитва и бдеење. Св. Фармутиј му носел од ангелскиот леб и му давал зашто ангелот Божји не сакал лично да му дава леб на младиот Јован за овој да не се погордее, туку преку неговиот духовник, отец Фармутиј. По 10 години тежок подвиг во бунарот, св. Јован се претставил пред Господа и моштите негови се покажале чудотворни. Поживеал и бил прославен од Бога и од луѓето во IV век.

РАСУДУВАЊЕ

Спиритистите од наши дни ја примаат секоја појава на духовниот свет како испратена од Бога и веднаш се фалат што им се „открило“. Јас познавав седумдесетгодишен монах, кого сите го почитуваа како голем духовник. На моето прашање дали во животот видел некое духовно битие од духовниот свет, тој ми одговори: „Не, никогаш, слава на милоста Божја!“ Кога виде дека јас за тоа се чудам, тој рече: „Јас постојано се молев на Бога ништо да не ми се јави за да не паднам во лага и да го примам преправениот ѓавол како ангел. И Бог досега ја почу мојата молитва“. Колку старите биле скромни и внимателни во тој поглед покажува и овој запишан пример: на некој брат му се јавил ѓаволот облечен во ангелска светлина и му рекол: „Јас сум архангел Гаврил и сум испратен кај тебе“. На тоа братот му одговорил: „Помисли се, да не си испратен кај некој друг, бидејќи јас не сум достоен да видам ангел“. И ѓаволот веднаш постанал невидлив и исчезнал.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса во смртта, и тоа:

1. како темнината обзеде сè;
2. како стравот навлезе кај сите присутни под крстот;
3. како исплашениот капетан на стражата извикал: „Навистина Овој беше Син Божји!“;
4. како се исполни пророштвото на Господа за Неговата смрт!

БЕСЕДА
за чудното отворање на гробовите

И гробови се отворија, и многу тела на упокоени светии воскреснаа (Мт. 27:52).

О колку голем знак! И упокоените тела на светите луѓе и жени Го познаа Оној Кој на крстот издивна во маки, а мртвите души на еврејските старешини не Го познаа. Сета твар се поколеба, само злосторничката душа на Ана, на Кајафа и на Ирода не се поколеба. Мртвите светители се покажаа поосетливи од живите грешници. Но како и мртвите светители би останале рамнодушни кон својот Создател на крстот кога ни мртвите карпи не можат да бидат рамнодушни? Како при таков случај, од кој земјата се тресе и Сонцето се помрачува, можат да лежат во гробовите телата на оние праведници кои го исполнија Неговиот стар закон, кои се надеваа додека беа живи, кои Го прорекуваа и кои со надеж во Него ги склопија своите очи?

О колку голем знак! Колку голема утеха за нас, кои се надеваме на воскресението! Бидејќи, според нашата немоќ и маловерието, би можеле да речеме: „Навистина Христос воскреснал, но дали и ние ќе воскреснеме?“ Христос воскреснал според Својата сила, но како ние ќе воскреснеме? И кој знае дали Бог и нас, со Својата сила ќе нè воскресне? Еве утеха, еве доказ: и гробовите се отворија и станаа многу тела на упокоени светии! Значи, дека и обичните луѓе смртта не можела да ги уништи. Значи, дека и оние кои се многу помали од Христа не се мртви како камења, туку се живи

како ангели. Значи, дека кога–тогаш и нашите тела ќе се кренат од гробовите и ние ќе живееме. Сѐ што рекол Господ е поткрепено и е преполно со безброј докази. Знаејќи ја немоќта на нашата вера, Он го докажал Своето пророштво за воскресението не само со Своето сопствено воскресение, туку и со дигнувањето на многу тела од гробовите за време на Својата смрт.

О браќа, никој од нас нема да има ни најмал изговор за неверувањето во животот по смртта.

О Господи премилостив, утврди ги верните во верата и обрати ги неверните во верата! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

30 МАРТ

1. Преп. Јован Лествичник. Писател на познатата книга „Лествица“. Дошол од некаде на Синајската Гора како шеснаесетгодишно момче и тука останал, прво како послушник, потоа како отшелник и најпосле како Синајски игумен до својата 80. година, кога и завршил, околу 563 година. Неговиот животописател, монахот Данил, за него вели: „Се вознесе со телото на Гората Синајска, а со духот на Гората Небесна“. Кај својот духовен отец, Мартириј, поминал во послушание 19 години. Св. Анастасиј Синајски, видувајќи го еднаш младиот Јован, прорекол за него дека ќе биде игумен Синајски. По смртта на својот духовник, Јован се повлекол во една пештера каде во тешки подвизи поживеал 20 години. Неговиот ученик Мојсеј заспал еден ден во ладовината на еден голем камен. Јован на молитва во својата келија видел дека неговиот ученик е во опасност и почнал за него да Му се моли на Бога. Кога подоцна дошол Мојсеј, паднал на колена и му заблагодарил на својот духовен отец што го спасил од сигурната смрт. И раскажал како во сонот слушнал Јован кај што го викал, па скокнал и во тој миг оној камен паднал. Да не скокнел, каменот би го убил. На навалувањето на браќата, Јован се нафатил за игумен и управувал со спасението на човечките души со ревност и љубов. Еднаш слушнал прекор од некои дека е многуглаголив. Не лутејќи се ни малку, Јован замолкнал и цела година не проговорил ни збор, додека браќата не го измолиле да проговори и да продолжи да ги учи со својата благодатна

мудрост. Еднаш дошле 600 поклоници во Синајскиот манастир. При трпезата сите виделе едно подвижно момче во еврејска облека коешто служело и на другите слуги им заповедало и распоредувало. Наеднаш тоа момче го снемало. И кога сите се обѕирале и се распрашувале, Јован рекол: „Не барајте го, тоа пророкот Мојсеј послужи на своето место“. За време на своето тихување во пештерата, Јован напишал многу корисни книги, од кои најславна, и ден–денешен многу читана е „Лествицата“, во која се опишува методот на вознесување на душата кон Бога како по некоја скала. Пред смртта, Јован го определил за игумен својот брат по тело, Георгиј. Но овој тагувал многу поради разделбата со Јована. Тогаш Јован му рекол дека, ако тој се удостои на близината Божја во оној свет, ќе моли и тој, Георгиј, да биде земен на небото. Така и се случило. По 10 месеци и Георгиј се успал и се вселил меѓу граѓаните небесни како и великиот му брат Јован.

2. Спомен на монахот, кој радосно умрел бидејќи никого во животот не осудил. Овој монах бил мрзлив, негрижлив, немолитвен, но низ целиот свој живот ниеден човек не осудил. И кога умирал, бил весел. Кога браќата го прашале како при толку гревови умира весел, тој им одговорил: „Сега ги видов ангелите, кои ми ја покажаа хартијата со многубројните мои гревови. Јас им реков: *Господ рече: не судете за да не бидете судени. Јас никогаш никого не осудив и се надевам во милоста Божја дека нема да ме осуди*“. И ангелите ја искинале онаа хартија. Слушнувајќи го ова, монасите се восхитиле и се поучиле.

РАСУДУВАЊЕ

Ако е потребно понижување пред луѓето заради возвишување пред Бога, и привремен труд заради бесмртен живот, зошто да се грижиш, ако некој замавне со главата и се насмее на твоето понижување? Јован безмолвникот бил 10 години епископ во Аскалон, па потоа согледувајќи дека му пречат човечките почести, се преоблекол во прост монах и дошол во манастирот на св. Сава Освештен, каде што му се дало да собира и да носи дрва и да вари сок за работниците. Кога и тука бил познаен, тој се затворил во келија каде што проживеал 47 години, хранејќи се само со зелје.

Така старите ги избегнувале почестите човечки, за кои многумина во наши дни беспрекорно се борат, расипувајќи ја својата душа во прав и пепел.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа во смртта, и тоа:

1. како Јосиф од Ариматеја го симна Неговото тело од крстот;
2. Како Јосиф и Никодим Го завиле Господовото тело во чисто платно, Го помажале со мириси и Го положиле во нов гроб;
3. како биле верни и бестрашни овие двајца угледни луѓе, меѓу мнозина непријатели Христови и меѓу општиот страв и одрекувањето.

БЕСЕДА
за познавање на Синот Божји среде општата темнина

Навистина Овој бил Син Божји (Мт. 27:54).

Овие зборови ги изговорил капетанот кој си ја вршел својата должност совесно како војник. По наредба на своите претпоставени, тој требало да го чува телото Христово на Голгота. Надвор како една машина, а однатре како човек со будна душа. Тој, римски војник, незнабожец, идолопоклоник, видел сè што се случило при смртта на Христа Господа и извикал: „Навистина Овој бил Син Божји!" Не знаејќи за единиот Бог, ниту знаејќи го законот и пророците, тој одеднаш го сфатил она што свештениците на Единиот Бог и познавачите на законот и пророците не можеле никако да го сфатат. И така се остварил и во оваа прилика зборот Господов: *За суд дојдов во овој свет за да прогледаат слепите, а оние што гледаат да станат слепи* (Јн. 9:39). Навистина прогледал оној што бил со духот слеп, а сосема ослепиле оние кои мислеле дека гледаат!

Не е можно еврејските старешини да не го виделе помрачувањето на Сонцето, да не го осетиле земјотресот, да не виделе како карпите се распаѓаат, да не согледале како

црковната завеса во храмот се расцепува, да не познале многумина од светите луѓе кои од отворените гробови излегле и се јавиле во Ерусалим.

Сето тоа тие го виделе и за сè точно посведочиле, но сепак нивниот дух останал слеп и срцето од камен. Сите тие настани, страшни и необични, тие веројатно ги толкувале, како што и денес неверните би правеле, како случајност и привидение. Безбожниците на сите времиња сè толкуваат како случајност и самозалажување кога и да се јави прстот Божји на луѓето за да ги покара, да ги упати или да ги извести.

А римскиот капетан Лонгин, така се викал, погледнал без предрасуди во сè што се случило и ја исповедал под крстот својата вера во Синот Божји. Неговиот извик не се отргнал случајно од неговото преплашено срце, туку тоа било неговото вероисповедување за кое подоцна тој и својот живот го положил за да добие подобар во Христовото царство.

О браќа, колку е голем овој римски капетан, кој, кога Го видел мртов Господа, меѓу разбојниците, распнат на ѓубриштето на Голгота, Го познал како Бог и Го исповедал како Бог. А колку се мали, браќа, сите оние христијани кои Го познале Господа како воскреснат, како прославен и како победник и победоносец преку илјадници Свои светители, па сепак се сомневале во своето срце како отровна змија што ги труе во сите денови и нивниот живот го сохранува во вечна темнина.

Господи, Распнат и Воскреснат, помилувај нè и спаси нè! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

31 МАРТ

1. Свешт-мч. Ипатиј еп. Гангрски. Роден е во Киликија; бил епископ во градот Гангра. Бил на I вселенски собор. Прочуен на сите страни поради својот благочестив живот и чудотворство. Царот Констанциј наредил да се изгради Ипатиевиот лик уште за време на животот на овој светител и тој лик царот го држел во својот двор како оружје против секоја супостатна – противничка сила. Враќајќи се еднаш од Цариград, Ипатиј бил нападнат во еден теснец од еретиците, Новатијаните и отфрлен од патот во некоја кал.

Тогаш една жена од таа дружина го удрила со камен во главата и така светителот го завршил својот земен живот. Но жената наеднаш полудела и го зела тој ист камен и се удирала со него самата себе. Кога ја довеле на гробот на св. Ипатиј и Му се помолиле на Бога за неа, се исцелила по големото милосрдие на духот Ипатиев и остатокот од животот го поживеала во покајание и во молитва. Св. Ипатиј пострадал и се преселил во вечното Царство на Христа Бога во 326 година.

2. Св. Јона митр. Московски. Родум од Костромската губернија. Во 12. година станал инок и долго поживеал во Симоновиот манастир во Москва. Во времето на митрополитот Фотиј станал епископ Рјазански, а кога Фотиј умрел, Јона го избрале за митрополит и го испратиле во Цариград при патријархот на посветување и утврдување. Во тоа некој Исидор, Бугарин по потекло, го надмудрил Јона, стигнал пред него во Цариград и бил посветен за Руски митрополит. Јона се вратил на својата столица во Рјазан. Но зломислениот Исидор во зло го завршил своето митрополитување. Отишол на соборот Флорентиски и дури после три години се вратил во Москва. Скокнале на него сите како на отстапник од православието и го прогониле. Не се знае каде го завршил својот живот. На митрополитскиот престол дошол Јона, добриот и мудриот пастир. Голем чудотворец, претскажуач, духовник. Кога Агарјаните ја опколиле Москва, Јона со својата молитва ги изгонил. Во староста посакал да го снајде некаква болест да се помачи и со маките потполно да се исчисти пред заминувањето на оној свет. Според неговата молитва, Бог му допуштил рана на ногата, како што претходно му се јавил во видение и на некој јереј Јаков. Од таа рана светителот умрел и отишол меѓу небесните граѓани на 31 март 1461 година. Над неговите мошти се случиле многу чуда. Некој нем човек Јован ја целивал раката на Јона, но, како што тој потоа кажувал, таа рака го фатила за јазикот и тој почувствувал јака болка. Кога го ослободил јазикот и се свртел кон своите, проговорил како никогаш и да не бил нем.

3. Свешт-мч. Авда епископ на градот Солзи. Исечен за Христа во 418 година во Персија од царот Издегард. Неговиот ѓакон св. Венијамин бил пуштен од мачителите под услов никогаш повеќе да не го проповеда ***Еванѓелието***. Тој на тој услов прво се согласил, но не можел на срцето да му одолее, та продолжил да ја распростира по народот

Христовата вистина. Поради тоа бил фатен и убиен, три години по св. Авда, во 421 година.

4. Преп. Аполониј. Бележит египетски пустиник. Во 15. година се одрекол од́ светот и се повлекол на некоја гора каде што 40 години проживеал, хранејќи се само со полски растенија. Потоа основал манастир, во кој имало 500 монаси. Се упокоил мирно во 395 година.

РАСУДУВАЊЕ

Св. Јован Лествичник вели: „Кој се гордее со своите солзи во себе и ги осудува со својот ум оние кои не плачат, тој е сличен на некој кој од царот испросил оружје против непријателот, па со него самиот себе си се убива". Ако твоето срце омекнало, било од покајание пред Бога, било од познавање на бескрајната љубов Божја кон тебе, да не се гордееш пред оние чие срце е уште тврдокорно. Потсети се како и ти беше долго време со тврдокорно срце. Во една болница боледувале седум браќа. Еден од нив се повратил од болеста и потстанал, и побрзал со братска љубов и грижа, да им послужи на своите браќа за да оздрават и тие. Биди и ти како тој брат. Сметај дека сите луѓе ти се браќа, и тоа болни браќа. Кога ќе осетиш дека тоа ти е дадено според милоста, здрав да им послужиш на другите болни, стори го тоа. Со што би се гордеел овде? Како што едно мочуриште не се избиструва само од себе, туку од некој извор, подлабок и почист!

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса во смртта, и тоа:

1. како телото Му лежи спокојно во гробот;
2. како Он со Духот слегува во Адот за да ги избави душите на праотците.

БЕСЕДА
за радоста по тагата

Па тика и вие, сега сте нажалени; но Јас пак ќе ве видам и ќе се зарадува срцето ваше...
(Јн. 16:22).

Отецот чекори кон губилиштето, а неговите синови плачат околу него. И наместо синовите него да го тешат, тој ги теши синовите. Слично на тоа се случило со Господа и со Неговите ученици. Чекорејќи кон горчливата Своја смрт, Господ повеќе се нажалил заради жалоста на Неговите ученици, отколку заради она што Он треба да го претрпи. И Он ги милува со утеха и ги охрабрува со пророштво за новото и скоро видување. „Но Јас пак ќе ве видам“. Тоа е пророштво на воскреснувањето. Многупати Господ ја прорекол Својата смрт, но кога и да ја прорекувал смртта, Он го прорекувал и воскресението. Нему ништо не Му се случило непредвидено. Но тој не прорекувал за себе, туку за нив. Тие ќе бидат во голема жалост како жена кога раѓа и поднесува маки. Но како што жената кога ќе се породи ја заборава својата мака и се радува бидејќи се родил човек на светот, така ќе биде и со нив. Во нивната свест Христос Господ уште не е потполно вообличен како Богочовек. Сè додека тие Го знаат само како страдалник и смртен човек, сè дотогаш тие Го знаат делумно, дотогаш трае породилната мака во нивните души. А кога повторно ќе Го видат воскреснат и жив, чудотворен и семоќен, владетел на сè што е на небото и на Земјата, ќе им престане маката и жалоста и ќе настане радост во срцата нивни. Бидејќи Христос тогаш ќе биде во нивната свест потполно вообличен како Богочовек и тие тогаш ќе Го знаат потполно и во целина. Дури тогаш Он за нив ќе биде потполно роден.

Така и ние, браќа, само делумно Го познаваме Господа Исуса додека не Го познаваме од Неговото раѓање до смртта на Голгота. Потполно Го познаваме дури тогаш кога ќе Го познаеме како победител на смртта, како воскреснат.

Господи, Кој сè победуваш, помилувај нè и зарадувај нè со Твоето воскресение како што си ги помилувал и си ги зарадувал Твоите ученици. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

1 АПРИЛ

1. Преп. Марија Египетска. Животописот на оваа прекрасна светителка го напиша св. Софрониј патријархот Ерусалимски. Некој јеромонах, старецот Зосим, се оддалечил еднаш во Чесниот Пост во задјорданската пустина на дваесет дена одење. Одеднаш здогледал едно човечко битие, со суво, голо тело и со коса бела како снег, кое се пушти да бега од очите на Зосима. Старецот долго трчал, додека тоа битие не прилегнало во еден поток и не викнало: „Ава Зосиме, опрости ми заради Господа, не можам да ти се обратам, оти сум жена гола!" Тогаш Зосим ѝ ја дофрлил својата горна мантија (расото); таа се загрнала и му се јавила. Старецот бил уплашен слушнувајќи го своето име од устата на непознатата жена. По неговото долго настојување, жената му го раскажала своето житие. Таа била родена во Египет и од својата дванаесетта година почнала да живее развратно во Александрија, и во разврат помина полни 17 години. Гонета со телесниот блуден оган, таа се качила еден ден на брод што пловел кон Ерусалим. Пристигнувајќи во светиот град, сакала и таа да влезе во црквата да му се поклони на Чесниот Крст, но некоја невидлива сила ја задржувала и не ѝ давала да влезе. Во голем страв таа погледнала во иконата на Пресветата Богородица во припратата и ѝ се молела да ѝ допушти да влезе и да го целива Чесниот Крст, исповедувајќи ја грешноста и нечистотата своја, и ветувајќи дека потоа ќе отиде таму каде што Светата Пречиста ќе ја упати. Тогаш ѝ било допуштено да влезе во црквата. Откако го целивала Крстот, излегла повторно во припратата пред иконата и ѝ благодарила на Богородица, но во тој миг чула глас: „Ако го преминеш Јордан, ќе најдеш добар мир!" Таа веднаш купила три леба и тргнала за Јордан каде што пристигнала истата вечер. Утредента се причестила во манастирот на св. Јован и ја преминала реката. Во пустината прожИвеала цели 48 години, во преголеми маки, во страв, во борба со страсните помисли, како и со диви ѕверови. Се хранела со зелје. Потоа, кога стоела на молитва, Зосим ја видел како стои воздигната во воздухот. Таа го замолила идната година да ѝ донесе од светите Дарови на брегот на Јордан, а таа ќе дојде да се причести. Идната година Зосим дошол со светите Дарови навечер, на брегот на Јордан, но се чудел како светителката ќе го премине Јордан. Во тој момент видел на

месечината дека таа дошла крај реката, ја прекрстила реката и тргнала по водата како по суво. Кога ја причестил, таа го замолила идната година да дојде во истиот поток каде што првпат се виделе. Зосим отишол и го нашол нејзиното тело мртво на тоа место, а над главата на песокот било напишано: „Погреби го, ава Зосиме, на ова место телото на смирената Марија, предај го правот на прав, се претставив на 1 април во самата ноќ на спасоносното Христово страдање по причестувањето со божествените тајни". Од овој напис Зосим го дознал нејзиното име, и друго и страшно чудо, дека таа минатата година онаа истата ноќ кога се причестила стигнала во тој поток, до кој тој морал да патува 20 дена. И така Зосим го погребал телото на чудната светителка Марија Египетска. А кога се вратил во манастирот, ја раскажал целата историја на нејзиниот живот и чудата, што тој лично ги видел од неа. Така, Господ знае да ги прослави покајаните грешници. Света Марија се споменува уште и во петтата недела на Чесниот Пост. Црквата им ја истакнува на верните како пример на покајание. Се упокоила околу 530 година.

2. Св. Мелитон еп. Сардиски, во Мала Азија. Познат пастир на Црквата од II век. Владеејќи со голема ученост, тој се трудел да ги собере сите книги на ***Светото писмо*** во еден кодекс. А по својата кроткост и благочестие се трудел, пак, да внесе мир во Црквата Лаодикиска, разбранувана со спорот околу празнувањето на Пасхата. Освен тоа, го бранел христијанството пред незнабожците. Така, околу 170 година патувал во Рим и му поднесол на царот Марко Аврелиј една писмена апологија (одбрана) на верата и Црквата христијанска. Овој учен, благочестив и ревносен маж, св. Мелитон, се упокоил мирно во Господа во 177 година.

3. Преп. Прокопиј Чех. Роден е во Хотиш во Чешка од познати родители. Постанал свештеник и се оддалечил во планина да живее по примерот на источните пустиници. Херцег Урлих случајно го нашол и му помогнал да го основа манастирот на св. Јован Претеча при реката Сазава. Овој свет маж се упокоил во 1053 година.

РАСУДУВАЊЕ

Зошто секогаш толку многу се зборува и се пишува за маките на светите луѓе и светите жени? Затоа што за свети се сметаат само победниците и зар е можно некој да биде

победник без борба, маки и страдања? И во обичното земно војување никој не се смета за победник ниту јунак, ако никогаш не бил во борба и којшто не се намачил доволно и доволно не пострадал. Уште повеќе во духовното војување, каде се знае вистината и каде што самоистакнувањето не само што не помогнува ништо, туку одмогнува. Кој нема никакви борби заради Христа, ни со светот, ни со ѓаволот, ни со самиот себе, како може да се смета во Христовите војници? А камо ли во Христовите сопобедници? За својата голема борба му зборувала св. Марија на старецот Зосим: „Првите седумнаесет години ги поминав во оваа пустина, борејќи се со моите безумни страсти како со лути ѕверови. Сакав да јадам месо и риба, кои ги има во изобилство во Египет. Сакав и вино да пијам, но овде ни вода немав. Сакав да слушам расипнички песни... И плачев, и се биев во градите. Се молев на Пречистата Богородица да ги отргне од мене таквите мисли. Кога плачев доволно и во градите се биев, тогаш видов светлина што ме обвива од секаде и некаква чудна тишина ме исполни“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса во смртта, и тоа:

1. како лежи во гробот мртвото тело на Оној Кој кога живеел мртовци оживувал;
2. како и против Него мртов вриел гневот на Неговите непријатели;
3. како Неговите ученици се заклучиле во една куќа заради страв од Јудеите.

БЕСЕДА
за исполнувањето на големото пророштво

Како овца Он беше одведен на колење (Ис. 53:7).

Низ многу векови ја прозрел видовитиот пророк Исаија страшната жртва на Голгота. Тој Го видел од далечина Господа Исуса воден на колење како што се води јагнето. А јагнето се води на колење исто како што се води на пасење: без одбрана, без вознемиреност, без злоба. Така и Господ

Исус одел на колење: без одбрана, без вознемиреност и без злоба. Ниту рекол: „Не правете го тоа, луѓе!“ Ниту прашал: „Зошто го правите тоа со Мене?“ Ниту некој осудил. Ниту протестирал. Ниту се налутил. Ниту им помислил зло на Своите судии. Кога Го облеала крвта од трновиот венец, Он молчел. Кога лицето Му било извалкано од плукањето, Он молчел. Кога крстот Му бил тежок по патот, Он истрајувал. Кога болките Му досадиле на крстот, Он не се пожалил на луѓето, туку на Отецот. Кога издивнувал, Он го упатил Својот поглед и воздишките кон небото, а не кон земјата, бидејќи извор на Неговата сила е небото, а не земјата. Извор на Неговата утеха е Бог, а не се луѓето. Вистинска Негова татковина е Царството небесно, а не е земното.

Гледај, јагнето Божјо што ги зема на Себе гревовите на светот! Тоа бил првиот извик на Јована Крстител кога го забележал Господа. И еве сега на Голгота исполнување на тоа пророштво: еве, под тежината на гревовите на целиот свет лежи Јагнето Божјо, заклано и мртво!

О браќа, тоа е скапа жртва и за нашите гревови. Крвта на тоа незлобно и кротко Јагне е наменета за сите векови и на сите поколенија од првиот до последниот човек на Земјата. Христос ги почувствувал болките на крстот и заради нашите гревови во сегашно време. Он ја исплакал во Гетсиманската Градина и нашата злоба, немоќ и порочност. Својата Крв тој ја наменил и за нас. Да не ја презираме, браќа, таа неискажана скапа цена со која сме платени. Заради таа жртва Христова ние всушност и имаме некаква цена како луѓе. Без таа жртва, или ако ја отфрлиме таа жртва, нашата вредност е еднаква на нула; се срамнува со чадот без оган и на огнот без светлината.

О Господи, на Кого никој не му е рамен по милоста, помилувај нè! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

2 АПРИЛ

1. Преп. Тит Чудотворец. Од млади години Го возљубил Христа Господа и го намразил светот суетен. Заради тоа го оставил светот, отишол в манастир и примил ангелски образ. Не жалејќи се себеси, тој му се предал на мачниот и тесен монашки пат. Низ голема трпеливост ги стекнал двете основни добродетели: смирението и послушноста, и

во овие добродетели ги надминал „не само браќата, туку и сите луѓе“. Чистотата на душата и телото ја сочувал уште од својата младост. Во времето на иконоборската ерес се покажал како непоколеблив столб на Црквата Божја. Поради неговото големо смирение и чистота, му се подарило од Бога дарот на чудотворството и за животот и по смртта. А кога се преселил кон Господа, оставил многубројни свои ученици. Мирно се упокоил во IX век.

2. Св. мч-ци Амфијан и Едесиј. Две момчиња, двајца родени браќа. Од градот Патара, од познати, но од родители кои не знаеле за Бога. Кога ги учеле светските науки во градот Вирита, се просветиле некако со Духот Божји, та познавајќи ја лагата на незнабоштвото ја назреле вистината на христијанството. Па кога се вратиле дома, не можеле да живеат повеќе со ненабожните родители и роднини туку тајно избегале во Кесарија Палестинска кај презвитерот Памфил, познат по светоста и духовната ученост. Кај Памфила се поучувале на законот Божји деноноќно и ги практикувале христијанските подвизи. За Амфијана се кажува дека со телото бил 20 години стар, а со разумот и великодушноста столетен. Кога настанало гонењето во времето на Максимин, мнозина христијани избегале од градот и се скриле, додека други доброволно и радосно се предале во рацете на мачителите за да пострадааат за името на Оној Кој прво за нив пострада. Амфијан бил меѓу овие последниве. Тој дошол смело во храмот незнабожечки каде што кнезот Урбан им принесувал жртви на идолите, па го фатил кнезот за раката, со која ја држел жртвата, и му викнал да се откаже од служењето и жртвопринесувањето на мртвите идоли и да Го познае вистинскиот Бог. Некои што ги слушнале овие зборови и ја виделе толкавата храброст на Амфијан, се покајале и ја примиле верата Христова. Но кнезот разлутен го фрлил Амфијана на маки. Помеѓу останатите маки, му ги завиткале нозете со памук, па ги запалиле. Но, кога останал жив, го фрлиле в море со камен на вратот, но морето се разбранило и го исфрлило телото на маченикот во градот. Едесиј прво бил испратен во рудниците за бакар во Палестина, потоа бил одведен во Египет. Во Александрија се исполнил со света ревност против некој кнез Ероклеј, кој на плоштадот ги собрал христијанските монахињи, девојки и чесни жени, и ги раздавал на најбесрамните развратници на ругање. Едесиј се исполнил со света ревност и му удрил шлаканица на бесчесниот кнез. Поради тоа бил мачен и во морето пото-

пен, како и брат му Амфијан. Како две невини јагниња се жртвувале за Христа околу 306 година и се преселиле во прекрасните дворови Господови.

РАСУДУВАЊЕ

„Подобро е да не знаеш ништо, а со љубовта да се приближуваш кон Бога, отколку сѐ да знаеш и воедно да бидеш непријател на Бога". Тоа се зборови на св. Иринеј Лионски, свештеномаченик. Вистинитоста на сите тие зборови се потврдувала во сите времиња, па се потврдува и во наше време. Само на ова мора едно да се додаде. Имено, љубителите на Бога не се луѓе што ништо не знаат, бидејќи тие за Бога знаат толку што можат да Го љубат. Од сите човечки знаења, тоа знаење е најважно и најголемо. И уште мора да се додаде дека непријателите Божји не можат сѐ да знаат, иако тие се сметаат за такви, бидејќи нивното знаење неминовно е хаотично затоа што нема глава, а нема ни ред. Главата и редот на секое знаење е Бог. Некои од светителите, како Павле Простиот, не знаеле ни да читаат ни да пишуваат, но со силата на својот дух и со божествената љубов го надминувале целиот свет. Кој се приближува со љубов кон Бога, тој не е способен за злосторство. А ученоста без љубов кон Бога е зачната со духот на злосторот и борбата. Св. Ефтимиј Велики поучува: „Имајте љубов, бидејќи што е солта за јадењето, тоа е љубовта за секоја добродетел". Невкусна и студена е секоја добродетел, ако не е посолена и затоплена со божествена љубов.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса во адот, и тоа:

1. како Неговиот план за спасение е обемен, ги опфаќа сите колена и сите времиња од почетокот до крајот;
2. како Он дошол на земјата во тело не само заради оние кои тогаш живееле на земјата, туку и заради оние кои ќе живеат, како и за оние кои живееле;
3. како Он, додека Неговото мртво тело лежело во гробот, со душата слегол во адот за да го објави спасението и ослободувањето на окованите.

БЕСЕДА
за живиот Бог и за Неговите живи деца

...Според тоа - живееме ли, умираме ли – Господови сме (Рим. 14:8).

Чии сме кога живееме? Господови. Чии сме кога умираме? Господови. Чии се праведниците? Господови. Чии се грешниците? Господови. Господ ги опфаќа сите, и живите, и умрените, и сегашните, и минатите и идните. Никој не е така сеопфатен како Господ Исус. Кој од таканаречните добротвори на човештвото, од учителите, водачите, просветителите, некогаш пробал да им направи некое добро на починатите? Овде може решително да се одговори: „Никогаш, никој". И самата помисла би му била смешна на целиот свет – да им се направи некое добро на умрените! Тоа е смешно на сите оние кои мислат дека смртта е посилна од Бога и дека она што таа ќе го проголта го уништува засекогаш. Но да се грижи за мртвите, и да се прави добро на мртвите, престанало да биде смешно од Откровението на Господа Исуса кој откри дека Бог е Бог на живите, кој тоа и на дело го покажа слегувајќи во адот да ги ослободи и да ги спаси душите на починатите праведници сè од Адам, па до Неговата смрт на крстот.

Сеопфатен е нашиот преславен Господ, како со Својата видовита мисла, бидејќи мисли за сите и гледа сè од жена родени, и над гробовите и во гробовите; така и со Својата љубов, бидејќи ги прегрнува душите на праведниците, без обѕир кое време или место ги крие; исто така и со Својот труд, бидејќи се труди за сите нив, сите да ги ослободи, да ги спаси, да ги воведе во царството и да ги прославви пред лицето на Својот Отец Небесен, Светиот и Животворен Дух и безбројните свети ангели. Господи, на Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

3 АПРИЛ

1. Св. Никита Исповедник. Роден е во Витинија, во градот Кесарија. Неговиот татко Филарет, лишувајќи се од својата сопруга, се замонашил, та Никита останал кај своја-

та баба, татковата мајка. Бидејќи пораснал и ги завршил сите науки, отишол во Мидикискиот манастир, каде игуменот Никифор го потстрижал за монах, а после седум години труд и подвиг патријархот Тарасиј го ракоположил за јеромонах. По смртта на Никифор и Никитовиот верен другар Атанасиј, братството го избрало Никита за игумен наспроти неговата волја. Св. Никита им бил светол пример на живот и подвиг на своите браќа низ долга низа години. А кога се зацарил Лав V Ерменецот, после благочестивата Ирина и правоверните цареви Никифор и Михаил, иконоборната ерес пак се разгорела. Царот го исфрлил патријархот Никифор и го испратил во заробеништво, а на неговото место го издигнал некој си Теодот Каситер, човек со нечист живот. И Никита бил затворен и мачен, но не се поколебал во православието. Бил пренесуван од самица во самица, и мачен со глад и жед, мраз и пот и ругање. Но тој не се дал да биде поколебан. Особено му досадувал некој Никола со потсмев. Но, една ноќ, на Никола му се јавил неговиот умрен татко на сон и прекорно му рекол: „Отстапи од слугата Божји!" И од тој час Никола се покајал, та не само што не му досадувал на светителот, туку и другите ги одвраќал да не му досадуваат. Кога со лоша смрт загинал Лав Ерменецот, царството го презел правоверниот цар Михаил Валвос, кој ги ослободил сите православни страдалници. Никита се повлекол во едно осамено место близу до Цариград, кадешто во молитва и во благодарење на Бога за сè ги поминал своите последни денови на земниот живот. Направил многу чуда со молитва за време на животот. А кога умрел, телото му го пренесле во неговиот манастир. И при тој пренос мнозина болни се допреле до неговото тело и биле исцелени. Моштите му биле положени до гробот на неговиот духовен отец Никифор и другар му Атанасиј. Овој голем јерарх се упокоил во 824 година.

2. Св. Павле Неволник. Русин по раѓање. Во младоста бил заробен од Турците. Не сакајќи да ја издаде верата Христова и да се потурчи, бил мачен и исечен во Цариград во 1683 година.

3. Св. мч. Улпијан. Момче од градот Тир. Мачен за Христа од началникот Урбан, мачителот на св. Амфијан (види: 2 април). Најпосле врзан во вреќа, заедно со еден пес и змија и фрлен в море. Пострадал и се прославил во 306 година.

РАСУДУВАЊЕ

„Очекувам за себе илјадапати да умрам" – пишувал св. Атансиј Велики на својата паства во Египет за време на страшната аријанска ерес. Така може да рече за себе секој духовен човек, кој со духот прогледал и ја видел мрежата во која се наоѓа секоја човечка душа на овој свет. Колку е еден човек подуховен, толку таа мрежа е погуста. Таква е волјата Божја – најдуховните да се спасуваат по најтешкиот пат. И самиот Псалмопевец вели: „многу маки за праведникот". Но на крајот на краиштата секоја победа и слава му припаѓа на праведникот, само треба да се наоружа со вера и трпение. Кој верува, тој и го разбира своето страдање. Кој ќе се заштити со трпение, тој ќе види победа и слава. На оној кој Го љуби Господа и најтесниот пат му е доволно широк, и најголемите маки – му се лесно иго, и најбезумната смрт – му е свадбена радост.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам Господа Исуса во адот, и тоа:

1. како Он слегол во адот со голема сила од која адот се потресол;
2. како пред Неговото лице бегаат лошите духови, дотогашните господари на адот;
3. како се радуваат неопишано на Неговото доаѓање душите на праведните праотци и пророци.

БЕСЕДА
за големата Божја желба

Бог сака сите луѓе да се спасат (I Тим. 2:4).

Бог сака сите луѓе да се спасат, па затоа Господ Исус слезе во адот да ги спаси оние кои живееја на земјата пред Неговото доаѓање. Бидејќи, ако Он не слезеше во адот, огромен број на праведни души ќе пропаднеа засекогаш. И уште, ако Он не слезеше во адот, главниот дом на злобата против Бога и човечкиот род ќе останеше неразурнат. Тие

две причини Го побудија Христа животодавецот со душата де се спушти во адот: прво, да го разурне гнездото на адските сили, и второ, да ги изведе од адот во Рајот душите на праотците, пророците, праведниците и праведничките, кои го исполнија стариот закон Божји и со тоа Му угодија на Бога. Пред да се зарадува сатаната, гледајќи Го Христа понижен и на крстот умртвен, Христос се појави жив и семоќен во средината на адот, главниот дом на сатаната. Каква неочекувана и ужасна новина за сатаната! Три години тој плетеше замки против Христа на земјата, а Христос за три дена, еве, го разурна неговото царство и го однесе пребогатиот плен во вид на роеви од праведнички души.

Ти сакаш сите луѓе да се спасат, о Господи! Спаси нè и нас, Ти се молиме, бидејќи нема спасение ниту Спасител вон од Тебе. Во Тебе единствено се надеваме и на Тебе Единствениот Ти се поклонуваме, на Тебе и Отецот и Светиот Дух, сега и вечно. Амин.

4 АПРИЛ

1. Преп. Јосиф Химнограф. Роден е во Сицилија, од благочестиви и добородетелни родители, Плотин и Агатија. По смртта на родителите, преминал во Солун каде што се замонашил. Како монах им бил пример на сите во постот, крајната воздржливост, непрестајното молење, псалмопеењето, бдеењето и трудот. Солунскиот епископ го ракоположил за јеромонах. Познатиот свет отец Георгиј Декаполит, посетувајќи го Солун, го возљубил Јосифа со душата и срцето поради неговиот редок карактер, та го зел со себе во својот манастир во Цариград. Кога пак избувнал пламенот на иконоборната ерес под Лав Ерменецот, Јосиф бил упатен во Рим да го повика папата и римската црква во борба за вистинската вера. Но на патот го фатиле пирати и го довеле на Крит, каде еретиците го држеле шест години во самица. Јосиф се радувал што се удостоил да страда за Христа и непрестајно за тоа Му благодарел на Бога, сметајќи ги железните вериги на себе како украси од злато. Шестата година, на Божик, наутро, лошиот цар Лав бил убиен на утренаата в црква, Во истиот тој час св. Никола му се јавил на Јосифа во самицата и му рекол: „Стани и следи ме!“ Јосиф се почувствувал како кренат во воздухот и наеднаш се нашол пред

Цариград. На неговото доаѓање му се израдувале сите православерни. Им испеал канони и стихири на многумина светители. Имал дар на видовитост, поради што патријархот Фотиј го поставил за духовник и исповедник на свештенството, препорачувајќи го како: „човек Божји, ангел во тело, отец на отците“. Во длабоката старост му го предал духот свој на Господа, на Кого верно Му служел и со дело и со песна. Завршил мирно во пресрет на Велики Четврток во 883 година.

2. Св. мч. Фервута, нејзината сестра вдовица и нивната робинка. Во времето на персискиот цар Савориј бил погубен епископот св. Симеон. Фервута, сестрата на епископот, била земена во дворот по желба на царицата. Но Фервута имала необична убавина, па навалиле мнозина да ја бараат за жена, меѓу кои и вражачите и бајачите незнабожечки. Фервута сите ги одбила и со тоа предизвикала голем гнев против себе. Па бидејќи во тоа време царицата се разболела, сите вражачи му велеле на царот дека царицата е отруена од Фервута, а како лек за болната царица препорачувале: Фервута, нејзината сестра и нивната робинка, како христијанки, да се пресечат со пила, три половини на телата да се стават на една страна, а три на другата, а царицата да се пренесе помеѓу нив. Царот се согласил со тој крвожеден бајачки предлог. Фервута со својата сестра и робинката пострадале така за Христа во 343 година, заслужувајќи со тоа неувенлив венец во бесмртното царство на својот Господ.

3. Преп. Зосим. Монах на Јорданската обител во времето на царот Теодосиј Помладиот. Тој ја пронашол, ја причестил и ја погребал св. Марија Египетска. Во својата стота година се упокоил во Господа во VI век.

4. Преп. мч. Никита. Словен од Албанија. Како светогорски монах отишол во Серез каде што се препирал со муслиманите за верата. Не можејќи да го побијат со аргументи, Турците го ставиле на маки, во кои светиот Никита завршил и Му ја предал својата душа на Бога во 1808 година.

РАСУДУВАЊЕ

Кој Го прославува Бога, и Бог него го прославува. Тоа јасно и обилно се покажало во животот на светителите. Св. Јосиф Песнописецот навистина Го прославил Бога, и со

дело, и со страдање и со песна. А Бог него го прославил и во животот и по смртта. Во животот му се јавил св. отец Николај во занданите и го ослободил. А кога св. Јосиф размислувал дали да испее канон на св. апостол Вартоломеј, овој апостол му се јавил, облечен во бели одежди и му рекол на Јосифа дека е угодно на Бога тој да го испее тој канон. Кога Јосиф се упокоил, еден граѓанин од Цариград дознал за славата со која го прославил Бог својот угодник. Тој човек бил дојден во црквата на св. Теодор Фанерот да му се моли на овој светител да му јави каде се скрил еден пребегнат негов слуга, бидејќи св. Теодор бил познат кај народот како светител кој јавува каде се наоѓа нешто изгубено или украдено, заради што и бил наречен *Фанерот* (Отскривач). Три дена и три ноќи се молеше човекот, па кога не добил никаков одговор од светителот, сакал да си оди. Во тој час му се јавил св. Теодор во визија и му рекол: „Зошто се лутиш, човеку? Јосиф Песнописецот се разделуваше со душата од телото, та бевме кај него; па кога се упокои оваа ноќ, сите ние, кои нè славеше тој во песните, ја спроведовме неговата душа на небесата и пред лицето Божјо ја поставивме. Затоа задоцнив да ти се јавам тебе“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за воскресението на Господа Исуса, и тоа:

1. како Неговата душа се враќа од адот повторно во телото;

2. како Он со Својата Божествена сила, со која воскреснувал други мртовци, го воскреснува и Своето сопствено тело.

БЕСЕДА
за Црквата – тело Господово

Урнете го овој храм и за три дена ќе го подигнам (Јн. 2:19).

Така им велеше Господ на злобните Евреи за Црквата – Своето тело. Но како што на злобните не им е дадено ништо да разбираат, така ни Евреите не разбраа и му се пот-

смеваа. Господ не ги укори за тоа, но тоа што го кажа, тоа и се случи. Евреите го разурнаа Неговото тело, а Он го воспостави и воздигна во слава и во сила. Злобните Го казнија Бога со разурнување, а Бог ги укори злобните со соѕидување. На злобните им е задоволство да ја покажат својата сила со убивање, а на Бога Му е радост да ја покаже Својата сила со очистување. Ништо пократко нема од триумфот на злобата, ниту пак нешто е потрајно од триумфот на Вистината.

Урнете го овој храм. Господ Своето тело го нарекува храм. Тој храм, разурнат, бил стеснет со еден мрачен гроб, и со тежок камен ѝ е спречен пристапот на светлината. Но тој храм не ни имал потреба од светлина од Сонцето; Храмот имал Своја светлина, Свое Сонце на Правдата што однатре светело. Нежната небесна рака го тргнала каменот од гробот, а Господ станал во слава и во сила. Тоа што еднаш се случило со пречистото тело Христово, се случувало подоцна повеќепати со Црквата на светиите на земјата. Противниците бездушно ја гонеле и ја мачеле Црквата, ја разурнувале и во темница ја погребувале. Како што Црквата на Неговото тело воскреснала, така на крајот на краиштата во полнота и совршенство ќе воскресне и Црквата на Неговите светии.

О воскреснат Господи, не предавај нѐ на гнилеж во вечна смрт, но воскресни нѐ во бесмртен живот. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

5 АПРИЛ

1. Св. мч-ци Агатопод и Теодул. Првиот бил ѓакон, а вториот чтец на црквата во Солун; првиот украсен со старечка побеленост, а вториот со момчешка целомудреност. Во времето на Диоклецијановата потера на христијаните, овие двајца биле повикани на суд. Со радост тие се одѕвале и, држејќи се еден со друг за рака, оделе викајќи: „Ние сме христијани!“ Сите совети на судијата да се одречат од Христа и да им се поклонат на идолите останале залудни. После подолгото самување и гладување, биле осудени на смрт, и тоа со потопување во морето. Тогаш им ги врзале рацете наопаку и им обесиле по еден тежок камен за вратот и ги повеле да ги потопат. Кога сакале прво да го турнат Агатопод во длабочината, тој извикал: „Еве, со второто крштение се измиваме од сите наши гревови и заминуваме чисти при

Христа Исуса!“ Нивните потопени тела морето наскоро ги исфрлило на брегот и христијаните чесно ги погребале. Св. Теодул им се јавил на своите познаници како ангел светол, во бела облека, и им наредил сиот негов заостанат имот да им го разделат на сиромасите. Овие прекрасни Христови војници чесно пострадале во времето на царот Диоклецијан и солунскиот кнез Фаустин, во 303 година.

2. Преп. Марко Трачески. Се нарекува уште и Атински оти Атина му било родното место. Кога го завршил високото образование во Атина, му умреле родителите. Тој помислил во себе дека смртта и за него е неизбежна, и дека треба да се подготвува благовремено за чесното излегување од овој свет. Раздавајќи го целиот имот на сираци, тој седнал на една штица во морето со тврда вера во Божјата помош и со молитва Бог да го одведе некаде според Неговата волја. И Бог Промислителот го сочувал и го довел во Ливија (или Етиопија), во планината викана Траческа. На таа планина св. Марко се подвизувал 95 години, не видувајќи ни човек ни ѕвер. Полни 30 години водел страшна борба со лошите духови и се мачел: и со глад, и со жед, и со мраз и со жега. Јадел земја и пиел морска вода. По 30 години најжестоко страдање, победените демони избегале од него, а ангел Божји почнал секој ден да му донесува храна во вид на леб, риба и овошје. Пред самата смрт, го посетил св. Серапион, кој после и го објавил чудното житие на Марко Подвижник. Го запрашал Марко Серапиона дали сега во светот има христијани, кои кога би ѝ рекле на оваа гора: „Крени се оттука и фрли се в море – така и да биде?“ Во тој час се покренала планината, на која што биле, слично на морето. А Марко замавнал со раката и ја застанал. Таква чудотворна сила имал овој Божји човек. Пред смртта, се помолил за спасението на луѓето и Му ја предал својата душа на Бога. Св. Серапион видел ангели како ја зеле душата Маркова и испружена рака од небото, што ја прифатила. Поживеал св. Марко 130 години и се упокоил околу 400 година.

РАСУДУВАЊЕ

„Живеј така како да не постоиш на овој свет и ќе имаш мир“. Така му говорел св. Антониј на својот ученик. Чудна, но вистинита поука. Најмногу беда и немир навлекуваме на себе со тоа што сакаме што повеќе да се осетиме и

препознаеме во овој живот. Колку повеќе еден човек се повлекува од светот, колку почесто духовно го набљудува овој свет како да постои без него и колку посилно се задлабочува во мислата за својата непотребност на овој свет, толку повеќе ќе стои поблиску до Бога и ќе има подлабок душевен мир. Секој ден умирам, се колне св. апостол Павле (I Кор. 15:31), т.е. секој ден се чувствувам како да ме нема на овој свет. Но затоа тој со духот се чувствувал секој ден како небесни граѓанин. Кога мачителот Фаустин го запрашал св. Теодула: „Зар не е подобар животот од лутата смрт?“ Теодул одговорил: „Навистина, и јас така знам дека е подобар животот од смртта заради што и решив да го презрам ова смртно и кратковремено живуркање на земјата за да бидам учесник на бесмртниот живот“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за воскресението на Господа Исуса, и тоа:

1. како земјата се затресла при Неговото враќање во телото како и при Неговото разделување од телото;

2. како ангелите се спуштиле во гробот да Му послужат Нему, како што Му служеле секогаш кога Он тоа го одобрувал.

БЕСЕДА
за исполнувањето на пророштвото

Оти Ти нема да ми ја оставиш душата моја во пеколот, ниту, пак, светецот Твој да види распаѓање (Пс. 15:10).

Тоа се зборови на вдахнат тајновидец, светли зборови пророчки. Тоа Давид го зборува за Христа Господа, за Неговата душа и за Неговото тело, т.е. за она што е човечко во Него. Дека овие Давидови зборови се однесуваат на воскреснатиот Христос, тоа го посведочил и апостол Петар во својот прв говор веднаш по слегувањето на Светиот Дух (Д.ап. 2:27), бидејќи вели: „Давид умре, и беше закопан и неговиот гроб е меѓу нас до овој ден“. Не може овие зборо-

ви да се однесуваат на Давида, иако тој тоа го кажува за себе, туку за некој наследник Давидов по тело. Давидовото тело иструло, иструле и телата на неговите наследници. Христос е негов наследник по тело, Кој ниту остана во адот, ниту пак Неговото тело виде гнилеж. Предвидувајќи, зборува (Давид) за воскресението Христово. Навистина сјајно пророштво! Навистина чудна видовитост! Како овие зборови морало да звучат неразбирливо и се неразумни за толкувачите на псалмите, пред воскресението на Господа! Кога печатот се симнува од гробната плоча, тогаш се симнува печатот и од многу сосема темни и нејасни пророштва. Христос воскресна, а тајните постанаа јаве. Гробната плоча се дигна не само за Неговото свето тело, туку и за многубројните пророчки зборови и визии. Христос воскресна и пророчките зборови воскреснаа. Со слегувањето во адот, Господ ги изведе душите на праведните отци и пророци во небесната светлина, а со Своето воскресение ги изнесе зборовите и нивните визии во светлината на разумот и вистината.

Христос воскресна и сè што е добро, праведно и вистинско, пред и по воскресното утро, воскресна.

О воскреснат Господи, вброј нè и нас во воскреснатите граѓани на Твоето бесмртно царство! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

6 АПРИЛ

1. Св. Евтихиј патријарх Цариградски. Роден е во Фригија од благочестиви родители. Татко му бил офицер. Еднаш се забавувало момчето Евтихиј со своите врсници, а забавата им била во тоа што секој го пишувал своето име на карпата и покрај името оној чин, кој, по насетување, во животот ќе го добие. Кога дошол редот на Евтихиј, тој напишал: „Евтихиј патријарх!“ Во триесеттата година станал игумен на еден амасиски манастир. А кога наполнил четириесет, амасискиот митрополит го испратил на своето место на Петтиот вселенски собор. На Соборот тој блескал како сјајна ѕвезда меѓу отците на Црквата, како со својата ученост, така и со благочестието. Кога настанала препирката дали може еретиците после својата смрт да бидат дадени на анатема, тој го застапувал мислењето дека можат, повикувајќи се на III кн. *Царства*, 13, 1–8 и на IV кн. *Царства* 23,

16. И му омилел мошне на царот Јустинијан и на патријархот Мина. Царот многу го прашувал за совет, а Мина (во тоа време мошне богат) го назначил за свој наследник и го замолил царот тоа да го спроведе во дело. Така и се случило. Дванаесет години управувал св. Евтихиј со Црквата мирно. Но тогаш ѓаволот кренал бура против него. Таа бура дошла до самиот цар Јустинијан. Имено, царот се прелажал и паднал во монофизитската ерес на автордокетите, која лажно учела дека Господ Исус и пред Воскресението имал тело божествено и негнилежно, без чувство на глад, жед и болка. Евтихиј решително станал против таа ерес, поради што царот го испратил во прогонство, во неговиот поранешен манастир. Свети Евтихиј таму проживеал 12 години и 8 месеци и се покажал голем чудотворец, исцелувајќи ги луѓето од разни болести со молитва и помазание со елеј. Јустинијан се покајал и умрел, а него го наследил Јустин, кој го повратил Евтихија пак на престолот патријаршиски, на кој овој светител останал до смртта, мирно управувајќи со Црквата Божја. Во својата 70. година се преселил во Царството на Христа Господа, на Кого верно и храбро Му служел целиот свој живот, во 582 година.

2. Св. 120 маченици пострадани во Персија. Кога персискиот цар Сапор ги ограбил византиските земји, одвел во ропство 120 христијани. Бидејќи залудно ги присилувал да се одречат од Христа и да му се поклонат на огнот, ги фрлил во оган и живи ги изгорел. Меѓу овие маченици имало и 9 девици на Бога посветени. Сите чесно пострадале помеѓу 344 и 347 година и се преселиле во дворовите на Царот Христос.

РАСУДУВАЊЕ

Се зборува за еден древен беседник дека се трудел дење и ноќе да се усоврши во беседништвото. Некој му рекол: „Демостен не ти дава да бидеш прв беседник!" На тоа тој веднаш му вратил: „Ниту јас нему да биде единствен!" Ако не можеш да бидеш првокласен светител, како св. Антониј, не отпуштај ги рацете и не вели: „Од мене ништо не бидува", туку потруди се да го умножиш својот талант. „Во домот на Мојот Отец има многу одаи", рекол Господ. Ако заслужиш да се населиш и во најмалата од нив, ќе бидеш пославен и посреќен од сите цареви на земјата кои било

кога постоеле. Ниту ти ќе бидеш св. Антониј, ниту самиот св. Антониј ќе го заземе целото царство Божјо.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за воскресението на Господа Исуса, и тоа:

1. како не пукна гробната плоча, ниту пак печатите на неа се расипаа;

2. како сесилниот и кроток Господ не го расипа гробот со Своето воскресение како што не ја расипа девојчинската утроба при Своето раѓање.

БЕСЕДА
за победата над последниот непријател

А најпоследниот враг за уништување е смртта
(I Кор. 15:26).

Прв непријател на човекот е ѓаволот, втор е гревот, а трет е смртта. Господ Исус ги победил сите овие три непријатели на човечкиот род. Со Своето понижување го победил горделивиот ѓавол; со Својата смрт го победил гревот, а со Своето воскресение ја победил смртта. Победувајќи ги сите наши непријатели, Он нè повикува да земеме учество во Неговата славна победа. Не ние да победиме, туку само да се придружиме на Победникот. Само Неговата сила победува, само Неговото оружје покосува. Ние сме без сила и без оружје, а нашите непријатели се страшни. Но со Него и покрај Него ние ги победуваме посилните од себе. За каква цена Он ни ја понудува Својата победа? За евтина цена, браќа мои, за многу евтина цена Он ни ја нуди најдрагоцената победа. Да се понижиме и да се покориме на волјата Божја – тоа е цената што Он ја бара за да го победи ѓаволот за нас. Да се умртвиме, да умреме со телесните желби и страсти – тоа е цената, што Он ја бара за да го победи гревот за нас. Да живееме за Него а не за себе, во Него да го вселиме срцето свое – тоа е цената што Он ја бара за да ја победи смртта за нас. Он ги победил сите непријатели јавно и потполно, но ова е цената за која ја нуди Својата победа на секого од нас.

Апостолот говори: „Да Му благодариме на Бога, Кој ни дарува победа преку нашиот Господ Исус Христос“ (I Кор. 15:57).

О воскреснат Господи, осветли нѐ, зајакни нѐ и излекувај нѐ со Твојата победа! Благодарни, ние Ти вознесуваме слава и вечна пофалба. Амин.

7 АПРИЛ

1. Св. Георгиј Исповедник. Поради големата добродетел што ја здоби со долг подвиг, Георгиј бил избран и поставен за митрополит Митиленски. И светителот управувал со словесното стадо ревносно и мудро до својата старост. Кога настанало гонењето под Лав Ерменецот, кој ги горел светите икони, и овој свет старец бил повикан од царот во Цариград на соборот на епископите, кој требало, по царската желба, да го уништи иконопочитувањето. Но Георгиј не само што не направил според желбата на злобниот цар, туку со уште некои храбри епископи, станал во заштита на светите икони. За тоа бил исмеан и од царот прогонет во пределите на Херсон, каде што во телесна беда и секаква неволја го поминал остатокот на својот земен живот. Завршил и се преселил во бесмртниот живот околу 816 година. Бил чудотворец и за животот и по смртта поради својата голема праведност и љубов кон Господа Исуса.

2. Преп. Нил Сорски. Еден од великите отци на руската црква. Основател е на скитскиот монашки живот во Русија. Завршил мирно во 1508 година. Моштите му почиваат во Сорскиот манастир. Неговиот Устав на скитски живот претставува духовно и практично дело од прв ред.

3. Св. мч. Калиопиј. Единец син, од Бога измолен, на некој сенатор од Перга Памфилиска. Благочестивата му мајка Теоклија го научила во раната младост на богопочитување и на чист живот. Калиопиј бил уште момче кога настанало страшното гонење на христијаните под царот Максимијан. Да би го спасила од смрт, мајка му го ставила во брод, му дала доволна сума пари и го испратила во градот Помпеопол. Но поинаку било устроено со Промислата Божја. Истоварувајќи се во Помпеопол, Калиопиј допаднал во некоја бурна многубожечка прослава. Па, кога тој, на навалувањето на залудената толпа, не сакал да земе учество во

тој глупав пир, бил дотуркан до војводата Максим, на кого му се исповедал дека е христијанин. Војводата наредил, та го биеле со оловни стапови и на оган го печеле, па најпосле сиот во рани, во самица го фрлиле. Кога слушнала за мачењето на својот син, мајката Теоклија им го раздала целиот свој имот на бедните и неволните, а таа со малку пари, побрзала во самицата при својот син. Влегувајќи во самицата, таа се поклонила пред својот син и му ги завила раните. На крајот војводата ја изрекол последната пресуда: Калиопиј да се распне на крст. Во срцето мајчинско се мешале радоста и болката. Кога ѝ го повеле синот на губилиште, таа му дотурила на џелатот пет златници за нејзиниот син да не го распне како Господа, туку наопаку. Тоа го сторила од смирение пред Господа. На Велики Четврток Калиопиј бил распнат наопаку и мајка му стоела под крстот, благодарејќи Му на Бога. А кога другиот ден мртов го спуштиле од крстот, таа паднала на него и самата издивнала. Така обајцата излегле пред престолот на Царот на славата. Чесно пострадале во 304 година.

4. Преп. Данил Перејаславски. Како посебен подвиг ја имал грижата за мртовците. Кога и да слушнел дека се нашол некој замрзнат или на друг начин умртвен, тој ќе побрзал пристојно да го погребе и за него на Бога да се помоли. Мирно завршил во 1540 година. Неговите мошти цели почиваат.

5. Преп. Григориј Синаит. Голем светител и подвижник Синајски и Атонски (види под 8 август).

РАСУДУВАЊЕ

„Духовните началници треба да се разликуваат од повластените како пастирите од овците“. Така вели св. Исидор Пелусиот (толкувајќи го I Посл. до Тимотеја). Животот на свештеникот секогаш служи за пример, било добар или лош. Со добриот живот свештеникот го потврдува ***Евангелието***, а со лошиот – го одрекува. Никој во светот не е во состојба ни така да ја потврди вистината на ***Евангелието***, ни така да ја одрече како свештеникот со својот живот. Добриот свештеник се разликува по своето делување од лошиот свештеник не помалку од пастирот од волкот. Затоа делото на добрите свештеници ќе биде со синовите Божји, а делото на лошите со ѕверовите на темнината. Добрите пастири на

Црквата и при самото свое издивнување се грижеле за своето стадо што го оставаат по себе. На смртната постела св. Јосиф Песнописецот Го молел Бога: „Сочувај го Твоето стадо, о Сине Божји, сѐ што е создадено со Твојата десница заштити го до крајот на времињата. Биди им помошник на возљубените синови на Твојата црква. Дај ѝ на Твојата невеста (Светата Црква) вечен мир и тишина без бура". А св. Антипа, горејќи во усвитен бакарен вол, се молеше на Бога: „Не само мене, но и тие кои ќе бидат по мене, направи ги учесници на Твојата милост!"

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за воскресението на Господа Исуса, и тоа:

1. како жените мироносици со мириси пристапуваат кон гробот да Го намирисаат Оној Кој е благопријатен мирис на небото и на земјата;

2. како ангелот им го објавува воскресението на Господа со зборовите: „Зошто Го барате живиот меѓу мртвите?"

БЕСЕДА
за барањето на живиот помеѓу мртвите

Зошто Го барате живиот
меѓу мртвите (Лк. 24:5).

Ангелот Божји со чудење ги прашува жените мироносици: „Зошто Го барате живиот меѓу мртвите?" Тајновидецот на Бога и на Божјата сила како да сака да каже: „Како можевте и за момент да помислите дека е Он плен на смртта? Не знаете ли дека е Он началник на животот? Не знаете ли дека целиот живот доаѓа преку Него и дека ниеден жив створ не може ни од било која друга страна да позајми ниту една капка живот? Зар Он доволно не ви ја покажал Својата власт на земјата над животот и над смртта? Кој му даде живот на мртвиот Лазар? Кој ѝ го одзеде животот на неплодната смоква?"

О браќа мои, да престанеме и ние да го бараме живиот меѓу мртвите. Ако некој од нас сѐ уште Го бара Христа

меѓу мртвите, нека престане со тој душогубен труд. Тоа е залуден труд на Евреите и безбожниците и тие што не се христијани. Ние знаеме дека животодавецот Господ не е во гробот, туку на престолот на славата на небесата. Духот непомрачен со грев гледа во небото и не гледа гроб; помрачениот дух со грев гледа во гробот и не го гледа небото. Гревот и добродетелта управуваат со духовниот вид на човекот и секој му го открива својот свет во противположба еден кон друг. Гревот го соборува видот на духот кон земјата и му го открива гнилежниот свет; добродетелта го воздигнува видот кон небото и му го открива бесмртниот свет и воскреснатиот Христос како Цар во тој свет.

О браќа мои, да не бараме живот од создаденото, туку од Создателот. И да не правиме уште потежок грев, имено, да не Го бараме Создателот на гробот на создаденото, ниту светлината на Бесмртникот, во смртна темнина.

Господи Исусе, Победителу на смртта, кон Тебе извикуваме: „Воскресни нè и нас во вечен живот од гнилежот и смртната темнина!“ На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

8 АПРИЛ

1. Св. ап-ли Иродион, Агав, Руф, Асинкрит, Флегонт и Ермиј. Сите биле од Седумдесетте апостоли. Сите ги споменува св. апостол Павле во своите посланија. Иродион бил роднина на Павле. Поздравете го, им пишува Павле на Римјаните, мојот сродник Иродион! (16:11). Иродион многу пострадал од Евреите како епископ Неопатрски: го биеле со стапови по главата, со камења го удирале по устата, го боделе со ножеви. И кога го оставиле како мртов, станал светиот Иродион и продолжил да им служи на апостолите. Во Рим му помагал на св. апостол Петар и бил исечен со мнозина други христијани оној истиот ден кога и Петар бил распнат.

Свети Агав имал пророчки дух. Во *Делата на светите апостоли* се споменуваат две негови пророштва. Првото, го прорекол големиот глад по целиот свет, што и се случил во времето на кесарот Клаудиј. И второто, кога се сретнал во Кесарија со св. апостол Павле, кој одел за Ерусалим, св. Агав го зел појасот на Павле, си ги врзал рацете и нозете, говорејќи: „Тоа го вели Светиот Дух: така

ќе го врзат Јудејците во Ерусалим оној маж чиј е овој појас“ (21:11).

Свети Руф бил епископ во Тива Еладска. И него го споменува св. ап. Павле: „Поздравете го избраниот во Господа Руф“ (Рим. 16:13). Бил епископ во Ирканија Азиска.

Свети Флегонт, кој на истото место се споменува, бил епископ во Тракискиот град Маратон.

Свети Ермиј, споменат со останатите, бил епископ во Далмација.

Сите како пчели Христови го разнесувале медот на *Еванѓелието* по разни краеви, многу страдајќи заради љубовта Христова. Сите се преселиле во вечното Царство на возљубениот Христос.

2. Св. Нифонт еп. Новгородски. Се одликувал со голема ревност во ѕидање и поправање на храмовите Божји и со голема храброст во спротивставување на насилните кнезови. На 13 дена пред смртта му се јави св. Теодосиј и му го навести неговиот скорешен премин во другиот свет. Се упокоил во 1156 година.

3. Св. Келестин папа Римски. Голем бранител на православната вера. Во времето на III вселенски собор напишал послание против еретикот Несториј. Мирно се упокоил во 432 година.

РАСУДУВАЊЕ

Има јунаштво над јунаштвото и подвиг над подвигот. Свети Епифаниј Кипарски го поканил на ручек Иларион Велики, па, за да покаже што поголемо гостољубие кон својот значаен гостин, изнесол на трпезата печено пиле и го понудил. Иларион му рекол: „Опрости ми, но од кога се замонашив не сум јадел ништо заклано!“ На тоа Епифаниј одговорил: „А јас, откако се замонашив никогаш не легнав в постела додека не му опростев на својот непријател!“ Зачуден, Иларион рекол: „Твојата добродетел, свети владико, е поголема од мојата!“ Ова е голема поука за нас. Првенствена работа е постот, но уште поправа е простување на навредите. Со постот човекот се вежба на великодушност, а со опростувањето на навредите покажува великодушност. Тоа му претходи на ова, но само тоа не спасува без ова.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснатиот Господ Исус, и тоа:

1. во тело земно пред воскресението, во тело подложено на болка и смрт;

2. во тело небесно по воскресението во тело неподложено на болка и смрт.

БЕСЕДА
за воскресението на мртвите

Но ќе рече некој: како ќе воскреснат мртвите и во какво тело ќе дојдат (I Кор. 15:35)?

Апостол Павле однапред ги знае приговорите што неверните ќе ги прават за воскресението од мртвите, па однапред и ги одбива. „Како ќе воскреснат мртвите?“ – се прашуваат и денес неверните кои ни со телесните очи не ги гледаат чудата на воскресенијата во природата, а не пак со духовните. „Безумниче, продолжува апостолот, тоа што го сееш ти, нема да оживее, ако не умре“. Додека семето во земјата не умре, не израснува билка, т.е. нешто сосема различно од семето. Но неверникот гледа со очите и не видува, туку и понатаму се прашува: „Како ќе воскреснат мртвите?“ Како? Онака како што воскресна Христос. Он се спушти мртов во гробот, а се подигна жив. Воскресението од смртта се покажува и во природата, но посилен од природата се покажува Господ. За да ни биде полесно да веруваме и да се надеваме, да веруваме во воскресението воопшто, и да се надеваме на нашето сопствено воскресение, Он самиот воскресна од гробот, воскреснувајќи ги пред тоа: Лазара Четвородневниот, синот на Наинската вдовица и Јаировата ќерка.

„Но, во какво тело ќе воскреснат мртвите?“ – се прашуваат неверниците. Во такво какво што сака Бог. Кај Бога има безброј видови на тела. Сите тела, пак, апостолот ги дели на две групи: на земни и на небесни. Во небесни тела ќе се облечат оние кои умреле во земни тела: негнилежното ќе го замени гнилежното, бесмртното ќе го замени смртното, убавото ќе го замени грозното. Но и во небесното тело човекот ќе се познае себеси и другите околу себе како што чове-

кот се познава себеси и кога е облечен во просјачки алишта, и кога е облечен во царска порфира.

Господи, пребогат, не предавај нè на вечно трулење, но како царски синови, облечи не во бесмртни одежди. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

9 АПРИЛ

1. Св. мч. Евпсихиј. Бил од благородно потекло и воспитан добро во благочестивата вера. Во времето на царот Јулијан Отстапникот, кога во Кесарија со Црквата Божја управувал св. Василиј Велики, Евпсихиј стапил во брак со угледна девојка. Но не му било дадено ниеден ден да поживее во бракот, бидејќи во времето на неговата веселба се случил незнабожечки празник со жртвопринесување на идолот Фортуна. Евпсихиј со другарите отишол и ги искршил сите идоли во храмот, па и самиот храм го разорил. Слушнувајќи за ова, царот Јулијан мошне се разгневил и наредил виновниците да се исечат, мнозина христијани да се земат во војска, да се удри огромен данок на христијаните, на сметка на христијаните повторно да ѝ се изгради храм на Фортуна и на тој град да му се одземе почесното име Кесарија (кое му го дал кесарот Клавдиј) и да се завика со поранешното име Маза. Свети Евпсихиј прво бил врзан за дрво и луто мачен, а потоа исечен, во 362 година. Малку потоа, опакиот цар Јулијан го посетил тој град на својот пат за Персија, против која војувал. Св. Василиј му излегол во пресрет и му изнесол три јачменови леба во знак на почест и гостопримство. Царот наредил на светителот да му се даде како дар една рака сено. Св. Василиј му рекол на царот: „Ти ни се потсмеваш, о цару, ние ти принесуваме леб со кој се храниме, а ти ни даваш скотска храна што ти со својата власт не можеш да ја претвориш во човечка храна“. На тоа царот одговорил: „Знај дека со тоа сено ќе те хранам кога ќе се вратам од Персија!“ Но злобниот отстапник никогаш повеќе не се вратил жив од Персија зашто таму загинал со заслужена и неприродна смрт.

2. Преп. мч. Вадим. Во времето на персискиот цар Сапор бил и Вадим, игуменот на еден манастир и маж прочуен поради благочестието, фрлен во самица со седум ученици. Со нив во самицата бил и некој кнез Нирсан, исто та-

ка христијанин. Секој ден ги изведувале и ги тепале. Кнезот Нирсан се уплашил и ветил дека ќе ја напушти верата и ќе му се поклони на Сонцето. На Сапора тоа му било угодно, но му ветил на Нирсана дека, покрај останатото, ќе му го даде и целиот имот на Вадимовиот манастир, ако тој со својата рака го исече Вадима. Нирсан на тоа се согласил. Со растреперена рака, застрашен од достоинствениот лик на св. Вадим, тој удирал со мечот многу пати по вратот на овој свет маж, додека одвај не го исекол. Но наскоро потоа паднал во очајание, та самиот себе се пробол со меч и самиот од себе примил казна за убиството на праведникот. Св. Вадим пострадал во 376 година.

РАСУДУВАЊЕ

Се раскажува за Перикле дека бил човек, без малку, со совршена човечка убавина, но дека главата му била премногу долгунеста и личела на стомна, така што предизвикувал потсмев кога и да се појавел гологлав. За да го скријат овој негов недостаток, на овој голем човек на својот народ, грчките скулптори секогаш го правеле со шлем на главата. Кога некои од незнабожците знаеле да ги кријат недостатоците на својот ближен, колку повеќе сме ние, христијаните, должни тоа да го правиме? „Натпреварувајте се во почитувањето еден кон друг“ (Рим. 12:10), им наредува апостолот на оние кои се придржуваат кон Христа. Како ќе речеме дека се придржуваме кон Христа кроткиот и пречистиот, ако секој ден го труеме воздухот со приказни за туѓите гревови и недостатоци? Да се крие својата добродетел и туѓиот недостаток, во тоа е главната духовна мудрост.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснатиот Господ Исус, и тоа:

1. како Он ѝ се јавува на Марија Магдалена во градината и Марија отпрвин не Го познава;
2. како Он кратко јаословува Марија, и Марија Го познава и Му се радува, и својата радост им ја соопштува на учениците.

БЕСЕДА
за потребата од смрт заради поголем род

Вистина, вистина ви велам: ако зрното пченично, што паднало на земја, не умре, останува само: а ако умре – ќе донесе голем плод (Јн. 12:24).

Зошто сејачот ја фрла пченицата во земјата? Дали затоа пченицата да умре и да иструли? Не, туку за да живее и род да роди. Сеејќи го семето, сејачот и не мисли за смртта и трулењето на семето, туку за животот и за неговиот род. Навистина, со радост сејачот го сее своето семе, не мислејќи за смртта на семето, туку за животот и за родот.

Сејач е Христос Господ, а луѓето се пченицата Негова. Он благоизволи да нè нарече пченица. Има многу друго семе на земјата, но ништо не е подрагоцено од пченицата. Зошто нè посеа Господ на Земјата? Дали затоа да умреме и да иструлиме? Не, туку за да живееме и род да родиме. Он попатно ја споменува нашата смрт, ја споменува само како услов за живот и за многу род. Целта на сеењето не е смртта, туку животот. Но семето мора првин да умре и да изгние; и Он тоа само го споменува, бидејќи знае дека и ние тоа премногу добро го знаеме. Само попатно нè потсетува на тоа, додека Неговото Евангелие, главно, е приказна за животот и за родот. За тоа Он многу ни зборува, бидејќи знае дека ние тоа не го знаеме и дека се загушуваме од незнаење и сомнеж. И не само дека ни зборува многу за животот, туку и ни го покажува животот. Со Своето воскресение ни покажува појасно од Сонцето на животот и големиот род. И целата историја на Црквата Негова е јасна карта на животот.

О Господару на несовладливиот живот, спаси нè од гревовна смрт. Избави нè од душевна смрт. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

10 АПРИЛ

1. Св. мч-ци Теренциј, Африкан, Максим, Помпиј и останатите 36 со нив. Пострадале за Христа и биле овенчани со венец на славата во времето на царот Декиј. По наредбата на царот, намесникот на Африка му објавил на цел народ дека сите мораат да им принесуваат жртви на идолите; во спротивно намесникот се заканувал со страшни мачења за секој упорен. Слушнувајќи за овие закани, мнозина отпаднале од верата и им се поклониле на идолите. Но овие 40 маченици останале непоколебливи, поради што биле подложени на мачење. Св. Теренциј ги храбрел своите другари со зборовите: „Да се чуваме, браќа, да не се одречеме од Христа нашиот Бог, та и Он од нас да не се одрече пред Својот Отец небесен и пред светите ангели!“ Намесникот ги разделил во две групи: триесет и шестмина, после биењето и стружењето и посипувањето со сол на отворените рани, ги исекол со меч. А првите четворица, ги фрлил во самица со тешки вериги на вратот, на рацете и на нозете. Но ангел Божји им се јавил во самицата, ги допрел веригите на окованите и веригите паднале. Потоа ангелот им поставил обилна трпеза и ги нахранил. Повторно биле изведени и мачени и повторно затворени во самица. Наредникот уште им наредил на бајачите да соберат што повеќе отровни гадинки, како змии и скорпии, и да ги затворат во истата одаја со мачениците. Но гадинките не сакале да се допрат до Божјите угодници, туку се собрале во еден агол и тука прележале три дена. Кога третиот ден била отворена самицата, гадинките се впуштиле на бајачите и ги искасале. Најпосле намесникот изрекол смртна пресуда над четворицата маченици. Кога ги повеле на губилиштето, тие радосно пееле псалми и Го фалеле Бога, Кој ги удостоил со маченичка смрт. Чесно пострадале и за Царството се удостоиле во 250 година.

2. Св. 6000 маченици во Грузија. Во Давидогарециската пустина во Грузија имало 12 манастири, во кои со векови се подвизувале многу иноци. Во 1615 година на Грузија нападнал шахот Аббас I и сета ја опустошил и безброј христијани исекол. Еднаш, одејќи на лов, во самото разденување на Велигден, тој видел во планината многубројни светилки. Тоа биле иноците од сите 12 манастири во литија околу црквата на Воскресението Христово со свеќи во рацете. Кога дознал шахот дека тоа се монаси, прашал со чудење: „Зар уште не е цела Грузија предадена на меч?“ и им на-

редил на војниците веднаш да одат и сите монаси да ги исечат. Ангел Божји му се јавил на игуменот Арсениј и му ја објавил блиската смрт. Арсениј им го соопштил тоа на сите браќа. Сите се причестиле со пречистите тајни и се подготвиле за смртта. Тогаш дошле напаѓачите и го исекле прво игуменот, кој прв пред нив излегол, а потоа и сите други. Чесно пострадале сите и со неувенливи венци се овенчале во 1615 година. Така се завршила историјата на овие познати манастири, кои низ повеќе од илјада години служеле како огниште на духовната просвета за Грузијците. Денес има само уште два: на св. Давид и на св. Јован Претеча. Грузискиот цар Арчил ги собрал сите маченички мошти и чесно ги погребал. Тие мошти и до ден–денешен испуштаат целебно миро и ги исцелуваат болните.

РАСУДУВАЊЕ

Кога човекот ќе го оддели својот ум од земјата и ќе го отвори кон Бога, со желба да Му угоди на Бога, тогаш Бог му ја открива Својата волја на разни начини. Св. Петар Дамаскин пишува: „Ако човекот има намера да Му угоди на Бога, тогаш Бог го учи на Својата волја или преку мислите, или преку некој друг човек, или преку ***Свешошо йисмо***“. Таквиот човек постанува внимателен и очекува одвнатре и однадвор Божји поуки. За него престануваат да постојат случајностите. И целиот свет за него постанува како харфа со десет струни, која не испушта ниеден звук без Божјиот прст.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснатиот Господ Исус, и тоа:

1. како им се јавил на двајцата ученици на патот за Емаус и како овие не Го познале;
2. како им гореле срцата на овие двајца додека Он им зборувал и како Го познале дури кога Он го благословил и го прекршил лебот;
3. како Господ одеднаш станал невидлив за нивните очи.

БЕСЕДА
за живата надеж

Благословен е Бог и Отецот на нашиот Господ Исус Христос, Кој по својата голема милост нѐ прероди преку воскресението на Исуса Христа од мртвите за жива надеж (I Петр. 1:3).

Кој има мртва надеж, браќа, а кој има жива надеж? Мртва надеж има оној кој се надева во мртви работи, а жива надеж има оној кој се надева во живиот Бог.

И уште, мртва надеж има оној кој се надева во себе и во другите луѓе, а живо надевање има оној кој се надева во живиот Бог.

И уште, мртво надевање има оној кој се надева во среќата и благосостојбата во ова кратко земно битисување, и не пројавува никаква надеж преку гробот, а живо надевање има оној кој се надева во воскресението и бесмртниот живот во небесното царство.

Навистина подобро е живото надевање од мртвото надевање како што е подобар животот од смртта, како што е подобра светлината од темнината, како што е подобро здравјето од болеста, како што е подобар умот од безумието.

Но, кој денес им покажа живо надевање на луѓето, кој и како? Апостолот Петар одговара на ова прашање: „Господ наш Исус Христос, и тоа со воскресението од мртвите. Никој друг освен Господ Исус Христос и со ништо друго, освен со Своето сопствено воскресение од мртвите. Со Своето воскресение Господ му дал крилја на зачмаеното човечко надевање и го спрострел преку гробот, и му ги покажал целта и плодот зад гробот“.

Сето тоа не го тврди некој лесноверен човек, туку апостол, кој долго се колебал во верата и кој трипати се одрекол од Христа. Затоа, неговото сведоштво за воскреснатиот Господ и за значението на Неговото воскресение е неискажана драгоценост за нас.

О Господи воскреснат, Победителу на смртта, истргај го од нас мртвото надевање и всади ни живо надевање по молитвите на св. Петар, Твојот голем апостол. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

11 АПРИЛ

1. Свешт-мч. Антипа еп. Пергамски, во Азија. Се споменува во *Книгата на Откровението* како „мојот верен сведок Антипа (2,13), кој бил убиен меѓу вас, во чија што средина живее сатаната, т.е. во градот Пергам“. Жителите на овој град живееле во темнината на идолопоклонството и во крајна нечистота; биле робови на страсти, луѓе кои паѓаат со духот (занесеници), насилници, родооскврнувани, со еден збор – слуги сатански. И тука меѓу нив живеел Антипа „како светлина во темнина, како ружа меѓу трње, како злато во кал“. Добар и праведен се сметал оној кој ќе фател некој христијанин и ќе го убиел. Сета незнабожечка вера се состоела во гатање, во толкување соништа, во служење на демоните и во краен разврат. Уплашени од Антипа како од оган, демоните им се јавиле на вражачите во сон и исповедале како тие се плашат од Антипа, и како мораат поради него да бегаат од тој град. Вражачите кренале толпа народ против Антипа и почнале да го тормозат, и да го присилуваат да се одрече од Христа и да им се поклони на идолите. Св. Антипа им рекол: „Кога вашите т.н. богови, господари на вселената, се плашат од мене смртен човек и мораат да бегаат од овој град, зар не познавате по тоа дека целата ваша вера е заблуда?“ и уште светителот им говорел за верата Христова како за единствена вистинита и спасоносна. Но тие се разлутиле како ѕверови и го довлекле старецот Антипа пред храмот на Артемида, пред кој стоел излиен вол од бронза. Го вжариле волот со оган и го фрлиле внатре слугата Божји. Свети Антипа, внатре во огнениот вол, Го славел Бога со благодарност како некогаш Јона во китот или трите младенци во огнената печка. И се молел св. Антипа за своето паства и за сиот свет сѐ додека душата не му се разделила од трошното тело и не излетала меѓу ангелите во Царството Христово. Завршил во маки и се венчал со неувенлива слава во 92 година.

2. Св. мч-ци Прокес и Мартинијан. Биле самичари на римската самица, во која самувале св. апостоли Петар и Павле. Кога ги слушнале ги зборовите и ги виделе чудата апостолски, тие се крстиле и ги пуштиле св. апостоли од самицата. Апостолите излегле од Рим, но на Петар му се јавил Господ на патот одејќи кон Рим. „Каде одиш, Господи?“ –

Го запрашал Петар. А Господ одговорил дека оди во Рим на ново распетие. Посрамени, апостолите се вратиле во градот каде што биле фатени и убиени. Со нив биле исечени и овие двајца храбри маченици, Прокес и Мартинијан.

РАСУДУВАЊЕ

„Нема покој на земјата за оние кои сакаат спасение", говори св. Ефрем Сирин. Борбата е непрестајна, било да е надворешна или внатрешна. Непријателот дејствува некогаш видливо преку луѓето и другите утвари, а некогаш невидливо преку мислите. Час се покажува отворено како непријател и дејствува сурово, а час под вид на ласкав пријател и заведува со лукавство. Она што се случува во војната помеѓу две противнички војски, се случува и со секој човек поединечно во борбата со лагите на овој свет. Навистина „нема покој на земјата за оние кои сакаат спасение". А кога ќе дојде спасението, ќе дојде и покојот.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснатиот Господ Исус, и тоа:

1. како Симон Петар и другиот ученик дотрчале брзо при гробот да ја проверат веста за воскресението на Господа;

2. како еден по друг влегле во гробот и ги виделе алиштата и убрусот;

3. како двајцата виделе и верувале и потоа сведочеле, и за своето сведоштво умреле.

БЕСЕДА
за двата Адама: смртотворниот и животодавниот

И како што по Адама сите умираат, така и во Христа сите ќе оживеат (I Кор. 15:22).

Според Адама, се сее во срам, според Христа – се воздигнува во слава. Од Адама е гревот, а од Христа е правдата. Од Адама е немоќта и смртта, а од Христа се силата и

животот. Според Адама, сите ќе умреме, а според Христа, сите ќе живееме. Адам е земен човек, Христос е небесен човек. Она е телесен човек, ова е духовен човек.

Христос не воскреснал заради Себе, туку заради нас, како што не умрел заради Себе, туку заради нас. Ако Неговото воскресение не значи и наше воскресение, тогаш Неговото воскресение е горчина а не сладост. Каде тогаш би била Божјата љубов? И каде би била смислата на нашето земно бедно битисување? И каде би била смислата на Христовото доаѓање на земјата?

Таму каде што Адам завршува, започнува Исус. Адам завршува во гробот, Христос почнува со воскресение од гробот. Адамовото колено е семето под земајата, кое гние и трули, и не го гледа Сонцето и не верува дека тоа може да излезе од под земјата и дека ќе се развие во зелена билка со лисја, цвет и род. Христовото колено е зазеленета нива на која расте пченица, се раззеленува, пушта лисја, цвета и донесува голем род.

Според Адама, не значи само дека ние еден ден ќе умреме, но значи дека ние веќе сме мртви, мртви сите до еден. Според Христа, не значи само дека еден ден ќе оживееме, туку дека веќе сме оживеале, т.е. семето почнало од земјата да 'рти и да избива на светлината од Сонцето. Но потполн израз на смртта е гробот, а потполн израз на бесмртниот живот е Царството Божјо.

Умот на Адамовите синови се согласува со смртта, се помирува со гниењето и потонува сѐ подлабоко во земјата. Умот на Христовите синови се побунува против смртта и гниењето, и сѐ повеќе прави напор да го изрти човекот во светлината, во што и благодатта Божја му помага.

О воскреснат Господи, отрезни го умот на сите синови човечки за да бегаат од темнината и пропаста и да се спружат кон светлината и вечниот живот, кој е во Тебе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

12 АПРИЛ

1. Преп. Исаак Сирин II (Св. Исаак Сирин I се празнува на 28 јануари). За овој Исаак пишува св. Григориј Двоеслов. Дошол во Италија во времето готско и во градот Сполетан влегол еден ден в црква на молитва. Го замолил цр-

ковникот да го остави во црквата заклучен и преку ноќта. И така ја поминал целата ноќ во молитва, не мрднувајќи се од местото. Утредента, исто така, па и втората ноќ. Црковникот го нарекол лицемер и му удрил шлаканица и во тој час полудел. Гледајќи го црковникот како тешко се мачи, Исаак се наднесол над него и лошиот дух избегал од него и црковникот оздравел. Луѓето слушнале за тој случај и целиот град се собрал околу овој чуден странец. Му нуделе пари и имоти, но тој сè одбил и ништо не примил, туку се повлекол во шумата каде што си направил за себе ќелија, која набрзо се претворила во голем манастир. Свети Исаак бил познат по своето чудотворство, особено поради видовитоста. Еднаш, навечер, тој им наредил на браќата да ги изнесат сите мотики во лозјето и таму да ги остават. Утредента тргнал со браќата и понесол ручек во лозјето. Се чуделе браќата за кого е тој ручек кога немаат работници. Кога таму, онолку луѓе копаат колку што имало мотики. Се случило тоа тие луѓе да дојдат како крадци да ги украдат мотиките, но со силата Божја биле запрени цела ноќ да копаат. Другпат дошле двајца луѓе без малку голи и побарале облека од Исаака. А св. Исаак испратил монах до едно шупливо дрво крај патот да го донесе она што таму ќе го најде. Отишол монахот, нашол некакви облеки и ги донесол в манастир. Игуменот ги зел тие облеки и им ги предал на питачите. Овие тешко се засрамиле кога ја познале својата облека, која тие во тоа дрво ја скриле. Некој човек испратил две кошници за в манастир. Монахот ја скрил едната по патот, а едната ја донесол и му ја предал на игуменот. Светителот му рекол: „Внимавај при враќањето, во онаа кошница што ја остави крај патот се вовлече отровна змија. Варди се да не те касне“.

2. Св. Василиј Исповедник. Во времето на иконоборството овој добродетелен маж бил епископ во градот Парија, во Мала Азија. Се спротивставил да ја потпише царската хартија против иконопочитувањето. Поради тоа бил многу гонет и мачен. Звршил во првата половина на VIII век и се преселил кај Господа.

3. Преп. Акакиј. Од селото Голице е во Епир. Голем атонски подвижник, духовник и прозирливец. Имал многу небесни виденија. Неколку монаси ги благословил на подвигот маченишто. Се упокоил во 98. година во 1730 година.

4. Преп. Атанасија. Родена е на островот Егина, од богати и благородни родители. Својот имот им го раздала

на сиромасите и се оддалечила во манастир, каде си наложувала сè потежок и потежок подвиг. Храна земала само еднаш дневно, и тоа леб и вода; во Чесниот Пост еднаш во два дена, а само на Рождеството и на Велигден вкусувала масло и риба. Иако била игуменија на манастирот, им била слугинка на сите останати сестри и се срамела неа некој да ја послужи. Се удостоила на дарот на чудотворството, и за животот, и по смртта. Се упокоила во Господа во 860 година.

РАСУДУВАЊЕ

Лошиот цар Константин Копроним имал добра ќерка, девицата Антуса – „прекрасна гранка на лошо дрво". На сите навалувања од својот татко да се омажи, таа останала упорна, бидејќи била цврсто врзана со срдечна љубов кон Христа Господа. А кога татко ѝ умрел, Антуса го раздала имотот на сиромашните и постанала инокиња во некој манастир. Колку се за чудење многуте благородни мажи кои ја оставиле светската суета и тргнале по тесниот пат по Христа, двапати повеќе се за чудење жените кои ја презреле, и младоста, и богатството, и сите минливи привлечности на светот заради љубовта кон Христа. Дека на богатиот му е тешко да влезе во царството Божјо, рекол самиот Господ, но не е и неможно. Лесно му е да го презре богатството и целиот свет оној кој ќе се презре самиот себеси.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснатиот Господ Исус, и тоа:

1. како влегува низ затворената врата меѓу Своите ученици и им дарува мир;

2. како Неговото прославено тело нема никакви матерјални препреки за да се појави каде што сака.

БЕСЕДА
за градот што се ѕида

*Бидејќи овде немаме постојан град, туку го бараме оној што ќе дојде (*Евр. 13:14*).*

Не биле ли, браќа, Вавилон и Нинива големи и чудни градови? Денес само гуштерите лежат по прашината на нивните кули. И Мемфис и Теба не биле ли гордост на фараоните и на човечките кнезови? Денес е тешко да се утврди местото каде биле тие градови некогаш.

Но да ги оставиме градовите од камен и тули; да погледнеме на градовите од крв, месо и коски. Луѓето подолго и погрижливо го ѕидаат градот на своето тело отколку тврдините и катедралите. По осумдесет и по сто години луѓето ги ѕидаат градовите на своето тело, и на крајот гледаат дека нивниот труд е залуден; она што со децении го ѕидале со грижа и со денонокен страв, се урнува во гробната прашина во еден миг. Чиј телесен град не се урива и не се претвора во прашина? Ничиј.

Но да ги оставиме телесните градови, да погледнеме по градовите на среќата што луѓето од колено на колено ги ѕидаат. Материјалот од кој тие градови се соѕидани е: веселие, сладост, имот, власт, чест и слава. Каде се тие градови? Како пајажина ги замотуваат луѓето за час и како пајажина се кинат и исчезнуваат, правејќи ги среќните понесреќни од несреќните.

Навистина ние овде немаме град што ќе остане.

Затоа го бараме оној град што ќе дојде. Тоа е град соѕидан од духот, од животот и од вистината. Тоа е град на којшто единствен неимар е самиот Господ Исус Христос. Тој град се нарекува Царство Небесно, бесмртен живот, дворец на ангелите, пристаниште на светителите, уточиште на мачениците. Во тој град нема двојство од добро и зло, туку сè е добро. Сè што е соѕидано во тој град е соѕидано за навек. Секоја тула во тој град останува без крај и завршеток. А тулите се живи ангели и луѓе. На престолот во тој град седи и владее воскреснатиот Господ Исус Христос.

О воскреснат Господи, избави нè од урнатините на времето и воведи нè милостиво во Твојот вечен и небесен град. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

13 АПРИЛ

1. Свешт-мч. Артемон. Бил свештеник во Лаодикија за време на царот Диоклецијан. Пред судијата–мачител, вака за себе рекол: „Се именувам Артемон, роб на Христа мојот Бог; 16 години бев чтец и читав книги во црквата на мојот Бог; 28 години бев ѓакон и го читав свештеното *Евангелие*; 33 години наполнив како презвитер, учејќи ги луѓето и поттикнувајќи ги на патот на спасението со помошта Христова“. Судијата го вовел во храмот на Ескулап каде што вражачите особено негувале големи змии, посветени на тој „бог“. Сите мислеле дека змиите ќе го каснат Артемона. Но тој се прекрстил и со силата на крстот ги приковал сите змии на земјата, така што не можеле да се помрднат. Потоа ги извел сите во дворот, дувнал на нив и сите за миг ги умртвил. Сите биле во голем ужас. А главниот вражач на тој храм, Виталиј, видувајќи го ова чудо, паднал на колена пред Артемона и повикал: „Велик е христијанскиот Бог!“ И маченикот го крстил со уште некои негови пријатели. Но злобниот судија останал упорен во злобата и го мачел старецот Артемон со разни маки. Еднаш сакал да го фрли во врела смола, но самиот од коњ паднал во неа и изгорел. Биле видени два орла кои паднале на него, го кренале од коњот и го фрлиле во смолата. Свети Артемон останал слободен за извесно време и шетал следен секогаш со своите два омилени елени, и го учел народот. Но повторно бил фатен и исечен во 303 година. И душата му се преселила во Царството на Христа нашиот Бог, на Кого свети Артемон верно Му служел.

2. Св. мч. Крискент. Тој е од градот Мир Ликиски. Граѓанин чесен и славен. Јавно ја исповедувал својата вера во Христа и им се потсмевал на мртвите идоли. Поради тоа од незнабожците бил убиен со оган.

3. Св. мч-чка Томаида. Родена е во Александрија од чесни родители; научена на благочестие од мала и во петнаесеттата своја година венчана со чесен маж. Но нејзиниот свекор бил скверен (поган) старец и, во отсуство на својот син, ја нападнал својата снаа и сакал да ја обесчести. Томаида се уплашила и во стравот го опоменувала свекорот на Законот Божји, и му избегнувала од неговите раце. После долгата борба, свекорот извадил нож и ја заклал снаата, па ја расекол на две половини. Во тој час го стигнала казна Бо-

жја: на миг ослепел и не можел да ја најде вратата да излезе, туку тука, во одајата, бил затекнат и предаден на суд, каде го осудиле на смрт. Така Томаида пострадала за Божјата заповед, за сопружничката верност и за чистотата. Се случувало потоа мнозина мачени со блудната страст да воздигнуваат молитва кон св. Томаида и да добиваат од неа крепка помош. Големиот подвижник Даниил ги пренесол нејзините мошти во Скитот и таму ги положил во гробиштата на свештеномонасите. Св. Томаида пострадала во 476 година.

РАСУДУВАЊЕ

Кога маченикот Крискент Мирликиски го изведе пред суд, судијата долго го советувал да им се поклони на идолите. Кога во тоа не успеал, најпосле му рекол на Крискент: „Поклони се само со телото, а со душата поклонувај се на твојот Бог!“ Честитиот Крискент му одговорил: „Не може телото да прави ништо независно од душата, која му е двигател и водач“. Потоа Крискент бил уби-ен. Јасна поука, дека христијанинот не може да биде дволичен. И уште една повеќе: дека христијанинот е должен и со телото да Му служи на својот Творец, а не само со душата. Со ова се отскрива и лажниот став на некои христијани дека телесно живеат како незнабожци, а меѓутоа се фалат дека со душата веруваат во Бога и Го љубат Бога. Тие себеси се делат на две и се ставаат во служба на двајца господари, иако најсветите усти тоа го прогласиле за неможно.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснатиот Господ Исус, и тоа:

1. како заради Тома, единствениот што не поверувал помеѓу учениците, повторно се јавува во Своето прославено тело;

2. како Тома со своите прсти ги допира белезите од раните на пречистото тело Господово и поверува.

БЕСЕДА
за допирот на Тома

Господ мој и Бог мој (Јн. 20:28).

Кога апостол Тома ги допрел раните на Господа Исуса, тој извикал: „Господ мој и Бог мој!“

Кога Марија Магдалена го слушнала гласот на Воскреснатиот, таа во душата извикала: „Господ мој и Бог мој!“

Кога Савле ја видел светлината и ги слушнал зборовите на Воскреснатиот, тој признал: „Господ мој и Бог мој!“

Кога незнабожците со чудење гледале како безбројни маченици радосно поднесуваат маки и ги прашувале Кој е Тој Христос, секој одговарал: „Господ мој и Бог мој!“

Кога потсмевнуачите им се потсмевале на војските испосници и ги прашувале Кој е Тој заради Кого тие си наложуваат на себе тежок подвиг, сите имале еден одговор: „Господ мој и Бог мој!“

Кога потсмевачите се потсмевале на девојките кои се заветиле на девственост и ги прашувале Кој е Тој заради Кого тие се одрекуваат од бракот, сите имале еден одговор: „Господ мој и Бог мој!“

Кога среброљупците со чудење прашувале многу богаташи Кој е Тој заради Кого го раздаваат своето богатство и постануваат сиромашни, сите тие одговориле едно и исто: „Господ мој и Бог мој!“

Некои Го видоа и рекоа: „Господ мој и Бог мој!“ Некои само Го слушнаа и рекоа: „Господ мој и Бог мој!“ Некои Го допреа и рекоа: „Господ мој и Бог мој!“ Некои го забележаа во ткивото на случувањата и во судбината на народот и рекоа: „Господ мој и Бог мој!“ Некои го осетија Неговото присуство во својот живот и извикаа: „Господ мој и Бог мој!“ Некои Го распознаа според некое знамение на себе или на другите и извикнаа: „Господ мој и Бог мој!“ А некои само слушнаа за Него од другите, поверуваа и извикаа: „Господ мој и Бог мој!“ Навистина овие последните се најблажени!

Да извикнеме и ние од сè срце, како и да дојдовме до познавање на Него и до сознанието за Него: „Господ мој и Бог мој!“ На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

14 АПРИЛ

1. Св. Мартин Исповедник, папа Римски. Постанал папа на 5 јули 649 година, токму во времето на жолчната расправа на православните со еретиците – монотелити. Тогаш царувал Констанс II, внук на Ираклиј, а патријарх Цариградски бил Павле. Да би воспоставил ред во Црквата, самиот цар ја напишал книгата „Гипос", која им била мошне по волјата на еретиците. Папата Мартин свикал собор од 105 епископи, на кој била осудена оваа книга на царот. Во истото време папата му напишал писмо на патријархот Павле, молејќи го да се држи до чистата православна вера и да го советува царот да се откаже од еретичките мудрувања. Тоа писмо ги разлутило, и патријархот, и царот. И царот испратил некој војвода, Олимпиј во Рим, да го доведе папата врзан во Цариград. Војводата не се осмелил да го врзе папата, но наговорил еден војник со меч да го убие в црква. Кога војникот влегол во црквата со скриен меч, наеднаш ослепел. Така, со промислата Божја, Мартин ја избегнал смртта. Во тоа време Сарацените напаѓале на Сицилија и војводата Олимпиј отишол во Сицилија, каде што и умрел. Тогаш со сплетка на патријархот – еретик Павле, царот испратил друг војвода, Теодор, да го врзе и да го доведе папата под тужба дека тој, папата, стои во дослух со Сарацените и дека не ја почитува Пречистата Богомајка. Кога војводата дошол во Рим и ја прочитал тужбата против папата, овој одговорил дека тоа е клевета, дека тој нема никаква заедница со Сарацените, противниците на христијанството, „а ако Пречистата Богомајка не ја почитува, не ја исповеда и не ѝ се поклонува, да биде проколнат и на овој и на оној век". Но тоа не ја изменило одлуката на војводата. Папата бил врзан и доведен во Цариград, каде болен – преболен лежел долго во самица, мачен со притисок и глад додека најпосле не бил осуден на прогонство во Херсон. Таму поживеал две години и завршил предавајќи Му ја својата душа на Господа, заради Кого многу пострадал во 655 година. На две години пред него, умрел раскајаникот Павле. И кога царот го посетил пред смртта, тој ја завртел главата кон ѕидот и плачел исповедувајќи се дека многу грешел против папата Мартин, молејќи го царот да го ослободи Мартина.

2. Св. мч-ци Антониј, Јован и Евстатиј. Сите тројца прво биле незнабожци и поклоници на огнот. Биле слуги на дворот на литовскиот кнез Олгард во Вилна. Порано се

именувале: Круглец, Кумец и Нежил. Сите тројца беа крстени од свештеникот Нестор. Сите тројца биле обесени еден по друг, на еден ист даб, во 1347 година. Тој даб христијаните го исекле и изградиле црква во слава на Светата Троица, во која ги положиле чесните мошти на мачениците, а од трупот на дабот направиле чесна трпеза. Нивните мошти се во Вилна.

3. Св. мч. Ардалион Глумец. Прво бил актер – комедијант. Заради развеселување на народот, тој најрадосно ја играл улогата на маченик за верата, исмејувајќи ги христијаните на сите можни начини. Но кога настанало гонењето на христијаните во времето на Максимијан, неговиот дух потполно се изменил. Тој пред народот велегласно извикал дека е христијанин и дека не се шегува. Поради тоа Ардалион бил суден и пострадал за Христа, умрел приврзан на вжарена железна леса, одигрувајќи ја така вистинската и чесна улога на маченик.

РАСУДУВАЊЕ

„На монахот му приличи да Го љуби Бога како син и да Му се плаши како роб“, вели св. Евагриј. Се разбира, тоа му доликува на секој христијанин, макар тој и да не е монах. Голема уметност е да се соединат љубовта кон Бога и стравот од Бога. И многу други свети отци кога и да зборуваат за љубовта, истовремено го споменуваат и стравот, и обратно. Св. Златоуст во својата беседа „За совршената љубов“ зборува во исто време за казна и за пеколни маки. Зошто? Затоа што и големата човечка љубов кон Бога без страв преминува во гордост, а големиот страв, пак, без љубов, одведува во очајување.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснатиот Господ Исус, и тоа:

1. како им се јавил на учениците на брегот на езерото и ги нарекол: „деца“;

2. како повторно им ја наполнил мрежата со риби и тие Го познале, но не смееле да прашаат: „Кој си ти?“

БЕСЕДА
за личното искуство на сите апостоли

Она што го чувме, она што со очите свои го видовме, што го разгледавме и што рацете наши го опипаа... за тоа ве известуваме (I Јн. 1:1).

Еве каква е апостолската проповед! Апостолите не говорат како светски мудреци, ниту како филозофи, а најмалку како теоретичари кои создаваат претпоставки за нешто за да пронајдат нешто. Тие говорат за работи што тие не ги барале, но кои неочекувано ги опкружиле, за фактот, кога тие не го пронашле, туку кој нив, така да се рече, одненадеж ги нашол. Тие не се занимавале со духовни истражувања, ниту изучувале психологија, ниту, пак, уште помалку, се занимавале со спиритизам. Нивното занимање било рибо-лов, едно сосема чувствено, телесно занимање. И кога ловеле риби, на нив им се јавил Богочовекот и внимателно и полека започнал да ги воведува во едно нова занимање, во служба на Себе. Тие не Му поверувале веднаш, туку уште повнимателно и пополека, со страв и неверие, и со многу колебања, приоѓале кон Него и Го распознавале додека многупати не виделе со своите очи и додека многупати не разгледале и со рацете не опипале. Нивниот доживеан факт е натприроден, но нивната метода за распознавање на тој факт е сосема чувствен и позитивно научен. Ниеден модерен научник не би можел да се послужи со попозитивна метода во запознавањето на Христа. Апостолите не виделе едно, туку многубројни чуда; тие слушнале не само една поука, туку толку поуки што не би можеле да се напишат во многу книги; тие Го гледале Воскреснатиот Господ полни 40 дена, со Него оделе, со Него разговарале, со Него јаделе, Него Го допирале. Со збор: тие лично и од прва рака имале илјади чудни факти со кои дознале и утврдиле еден крупен факт, имено: дека е Богочовек, Син на живиот Бог, човекољубив Спасител на луѓето и Сесилен Судија на живите и мртвите.

О Господи воскреснат, утврди нѐ во верата и ревноста на Твоите апостоли. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

15 АПРИЛ

1. Св. апостоли Аристарх, Пуд и Трофим. Овие биле од бројот на седумдесетте апостоли. Аристарх бил епископ во Апамија сириска. Го споменува св. апостол Павле неколкупати (Д.а. 19:29; Кол. 4:10; Фил. 23). Во Ефес бил фатен со Гај од толпата народ која се кренала против Павле. На Колосјаните св. ап. Павле им пишува: „Ве поздравува Аристарх, кој е затворен со мене". А во Посланието до Филимона Павле го нарекува Аристарха „мој сотрудник", заедно со Марко, Димас и Лука.

Пуд бил угледен римски граѓанин. Св. ап. Павле го споменува еднаш (II Тим. 4:21). Домот на Пуд бил прво прибежиште на врховните апостоли, а после се обратил во црква, викана „Пастирска".

Трофим бил од Азија (Дела 20:4) и го следел св. ап. Павле на неговиот пат. На едно место ап. Павле пишува: „Трофим го оставив болен во Милет" (II Тим. 4:20).

Во времето на Нероновото гонење, кога св. апостол Павле бил исечен, биле исечени и сите овие тројца славни апостоли.

2. Св. мч. Сава Готски. Во Готската земја имало сурово гонење на христијаните. Некој готски кнез дојде во селото, во кое што живеел овој благочестив Сава и ги прашал селаните, дали во нивното село има христијани. Тие со заклетва го уверувале дека нема ниеден. Тогаш Сава застанал пред кнезот и пред народот и рекол: „Никој нека не се заколнува за мене, јас сум христијанин". Видувајќи го кнезот беден и сиромашен, го пуштил со мир говорејќи: „Тој ниту може да штети ниту да користи!" Другата година пак на Велигден дошол некој свештеник Сансал во тоа село и ја отпразнувал светлата Пасха со Сава. Незнабожците го слушнале тоа, па изненадено нападнале врз домот од Сава и почнале со стапови немилосрдно да ги тепаат угодниците Божји, а уште, покрај тоа, Сава гол го влечеле по трње, па тогаш обајцата ги врзале за дрво и им нуделе да јадат месо од идолските жртви. Но Божјите луѓе, сеќавајќи се на апостолските зборови, одбиле да јадат од нечистите ѓаволски жртви. Најпосле кнезот го осудил Сава на смрт и го предал на војниците. Полн со радост Сава тргнал на губилиште, фалејќи Го Господа. Познавајќи во него добар човек, војниците сакале по патот да го пуштат, но Сава мошне се нажалил по-

ради тоа и им рекол дека тие се должни да ја исполнат заповедта на кнезот. Тогаш војниците го довеле до една река, му врзале камен за вратот и го фрлиле во водата. Неговото тело било исфрлено на брегот. Подоцна грчкиот војвода Јуниј Соранос, во времето на царот Валент, војувајќи против Готите, го нашол телото на Сава и го пренесол во Кападокија. Свети Сава пострадал во својата 31. година, во 372 година.

3. Св. мч-чки Василиса и Анастасија. Две благочестиви Римјанки. Во времето на царот Нерон ги собирале исечените тела на апостолските ученици и чесно ги погребувале. Поради тоа биле тужени и фрлени во самица, па после долгите тормозења, им ги отсекле градите и јазикот и биле обезглавени.

РАСУДУВАЊЕ

За созерцанието пишува св. Григориј Синаит: „Потврдуваме дека има осум главни предмети на созерцание: прво: Бог невидлив, беспочетен и несоздаден, предизвикувач на сѐ што постои, троично, едино и пребитно Божество; второ: чинот и состојбата на умните сили; трето: состав на видливите твари; четврто: домостројното воплотување на Словото; петто: сеопштото воскресение; шесто: страшното второ Христово доаѓање; седмо: вечната мака; осмо: царството небесно. Првите четири се јавени и припаѓаат на минатото, а последните четири уште не се јавени и припаѓаат на иднината, иако и овие четири јасно се созерцуваат од оние што со помош на добиената благодат стекнале чистота на умот. Кој пристапува кон оваа работа (созерцанието) без светлината на благодатта, нека знае дека тој ѕида фантазии и дека нема созерцание". Така пишува великиот и видовитиот Григориј Синаит, кој, она што го знаеше, го знаеше од лично искуство.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснат Господа Исуса, и тоа:

1. како Он се грижи и за телесната храна на Своите ученици, како го прекрши и го благослови лебот на учениците во Емаус;

2. како ги прашуваше учениците крај езерото: „Што имате за јадење?“ – па кога Му рекле дека немаат ништо, Он им подготвил леб и риба и им дал.

БЕСЕДА
за тоа како ние ќе личиме на оној кого што го љубиме

Возљубени, сеѓа сме чеда Божји! Но ушѿе не се ӣокажа шѿо ќе бидеме. Знаеме само дека, коѓа ќе се ӣокаже, ќе бидеме слични на Неѓо, оѿи ќе Го видиме каков шѿо е (I Јн. 3:2).

Досега бевме робови, а сега сме деца Божји. Бевме робови на злото, а сега сме слуги на доброто, врховното добро на небото и на земјата. Робувавме на сето она што е подолу и погоре од човекот, а сега ќе Му служиме на Севишниот и Седобриот. Угнетувани бевме во мрак, а сега ќе делуваме во светлина. Досега нè држеа: ѓаволот, гревот и смртта во непрестаен страв, а сега ќе живееме во близина на Бога, во слобода и радост.

Сега... Кога сега? Сега кога Господ се јави на земјата во тело, кога ни даде наука на светлината, слобода и живот; кога воскресна славно и се покажа во Своето прославено тело; и кога ги исполни сите пророштва на пророците и сите Свои ветувања. Сега сме и ние деца Божји, синови на светлината и наследници на царството.

И ќе бидеме како Него. Тоа, навистина, уште не се покажало, но Он се покажа и тоа засега е доволно. Он се покажа колку е убав човек во воскресението и ние знаеме дека, и ние ќе бидеме такви како и Он. Апостол Јован вели: „Ние знаеме дека ќе бидеме како Он“. Не вели: „Ние претчувствуваме“, или: „Нам ни е речено“, туку вели: „Ние знаеме дека ќе бидеме како Он“. Он не станал од гробот само да ја покаже Својата сила на мртовците без надеж, туку да ги увери мртовците дека и тие ќе оживеат и да им покаже какви ќе бидат кога ќе оживеат. Ниту апостолите пишувале: „Ние знаеме заради суетата на тие што не знаат, туку заради братската љубов кон луѓето, за сите луѓе тоа исто да го знаат“ – за и ние да знаеме.

О воскреснат Господи, утврди го во нас ова спасително знаење по молитвите на Твоите свети апостоли. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

16 АПРИЛ

1. Св. мч-чки Агапија, Хионија и Ирина. Родени сестри се од околината на Аквилеја. Кога царот Диоклецијан престојувал во Аквилеја, наредил да се погуби познатиот духовник Хрисогон. Во тоа време некој стар презвитер Зоил имал видение со кое му се открило каде се наоѓа непогребано телото Хрисогоново. Старецот побрзал, го нашол телото на маченикот, го положил во сандак и го држел во својот дом. На триесеттиот ден после тоа, му се јавил и св. Хрисогон и го известил дека во текот на девет дена оние три девојки маченички ќе пострадаат, а дека и тој во тоа време ќе се претстави. Истото тоа известие го примила во видение и Анастасија Узорешителница, која тргнала по својот учител Хрисогон. И навистина после девет дена и старецот Зоил се претставил и оние три сестри биле изведени на суд пред царот. Царот ги советувал светите девојки да им се поклонат на идолите, но тие сите откажале и ја исповедале својата тврда вера во Христа. Ирина му кажала на царот како е безумно да им се поклонуваме на нешта од камен и дрво што се порачани за договорена цена, да се направат од рацете на некаков смртен човек. Разлутен царот ги фрлил во самица. А кога царот пошол во Македонија, ги повеле по него сите робови и заробеници, меѓу кои и овие три свети сестри. Царот му ги дал на некој војвода Дулкитиј на тормозење. Овој војвода, распален со мрачна страст, сакал да ги обесчести девиците, но кога сакал да влезе при нив во самицата, во времето кога тие Му се молеле на Бога, нему му се зел умот, та нападнал на црните котли и тенџериња пред вратата да ги гушка и бакнува и си заминал целиот исцрнат. Слушнувајќи царот за овој случај, наредил друг војвода, Сисиниј, да го преземе судењето на овие свети сестри. По тешкото тормозење, судијата ги осудил првите две сестри на изгорување, а Ирина ја задржал некое време, надевајќи се дека ќе може да ја обесчести. Но кога ја испратил Ирина по војниците во блудилиште, ангели Божји ја спасиле оваа чиста девица, ги вратиле војниците, а неа ја извеле на еден

рид. Утредента војводата излегол со војници на тој рид, но не можејќи да се поискачи, наредил и Ирина со стрели ја застрелале. Света Анастасија ги собрала сите три тела на едно место и чесно ги погребала. Сите чесно пострадале за Царот и Господ Христос околу 304 година.

2. Св. мч. Леонид и со него маченичките: Хариеса, Никија, Галина, Калкида, Нунехија, Василиса и Теодора. Фрлени во море, но морето не ги примило. Тие оделе по морето како по суво и Му пееле на Бога: „Господи, едно боиште истрчав, Господи, и војска ме гонеше, Господи, и не се одреков од Тебе, Господи, спаси го духот мој!“ Гледајќи ги така, незнабожците прво се восхитиле, но потоа им врзале камења за вратот и повторно ги фрлиле во морската длабочина и ги потопиле. Сите чесно пострадале за Царот и Господ Христос во 281 година.

РАСУДУВАЊЕ

Приказна на старецот Варлаам. Еден човек имал тројца пријатели. Двајца од нив тој ги љубел искрено, а третиот со досада го избегнувал. Се случило царот да го повика тој човек да си го плати долгот. Тој се обратил за помош кај првиот пријател, но овој се одрекол од него и си заминал. Тој се обратил кај вториот пријател, но ни овој не му помогнал. Со срам сега се обратил кај третиот пријател и тој радосно пошол со него пред царот. Толкување: првиот пријател е богатството, вториот е роднината, а третиот се добрите дела на човекот на овој свет. Царот бил Бог, кој преку смртта испраќа позив и го бара долгот. Човекот умирајќи бара помош во своето богатство, но тоа се свртува и преминува во рацете на друг господар. Тогаш тој се обраќа кај роднината, но роднината го испраќа сам и останува. Тогаш тој помислува на своите добри дела, што со досада ги извршувал и тие веднаш тргнуваат со него на пат пред Царот и Судијата. Кој има уши да слуша, нека чуе. Единствени придружници на душата на оној свет се делата на човекот, било добри или лоши. Сè она што му било мило и драго на човекот, го остава и се свртува од него, само неговите дела, сите до едно, одат со него. Кој има разум да разбере, нека разбере.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснатиот Господ Исус, и тоа:

1. како им се јавил жив по смртта, на петстотини луѓе одеднаш, според сведоштвото на ап. Павле;

2. како му се јавил на апостол Јаков, пак според сведоштвото на ап. Павле (I Кор. 15:6-7);

3. како за време на ап. Павле биле живи уште многу вон кругот на апостолот кои Го виделе.

БЕСЕДА
за освестувањето од гревот

Освестете се еднаш како треба, па не грешете (I Кор. 15:34).

Оваа заповед ја дава апостолот во врска со Христовото воскресение. Бидејќи наброил многу докази за Господовото воскресение, тој одлучно им заповеда на верните да се отрезнат како што треба и повеќе да не грешат.

Зошто апостолот го става нашето освестување во зависност од воскресението на Господа? Затоа што воскресението на Христа од мртвите е главен поништувач на грешењето. И затоа што нас ништо на светот не може да нѐ одврати од грешењето како сознание дека Господ станал од гробот, дека сега седи жив на престолот на славата и дека нѐ чека нас на Својот Суд. Грешењето и по тоа сознание е совршено безумие. А освестувањето од грешење по тоа сознание е совршено природно и разумно. Освестете се еднаш како треба, па не грешете. Не половично, туку потполно. Истерајте го од својот ум и сеќавањето на гревот, бидејќи тој е како билка што може да расте и во безводни краишта. Една капка влага и привидно сувата билка ќе раззелени. И едно потсетување на привидно одамна умрениот грев, го оживува и го прави силен.

Незнабожците, кои немаа пример на воскресение од мртвите и грешеа, ќе имаат некое оправдување на Судот. Тие ќе речат: „Немаше ништо така силно што ќе можеше да нѐ освести од грешењето. Ние знаевме дека гробот е последно устие на реката на човечкиот живот, бидејќи немавме до-

кази за животот по смртта". Така ќе направат незнабожците. Но како ќе се оправдате вие, христијани, вие кои дознавте за воскресението на Христа и не се освестивте; вие кои слушнавте толку сведоштва за Воскресението и за Судот и продолживте да грешите, како ќе се оправдате?

Браќа мои, освестете се еднаш како што треба, па не грешете, бидејќи Христос воскресна од гробот. О воскреснат и жив Господи, помогни ни да се освестиме од грешењето еднаш засекогаш. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

17 АПРИЛ

1. Свешт-мч. Симеон еп. Персиски. Во времето на опакиот цар Савориј, или Сапор, Симеон бил тормозен за Христа со двајца свои презвитери, Авделај и Ананиј. Пред нив погинал и царевиот евнух Устазан, кој прво се одрекол од Христа, а после допрен со укорот на св. Симеон повторно ја исповедал пред царот вистинската вера. На губилиште со Симеон биле изведени уште 1 000 христијани. Симеон некако се истргнал за да биде последен исечен, та да би можел да ги охрабрува христијаните до крај, за ниеден да не се поколеба поради страв од смртта. Кога презвитерот Ананиј ја ставил главата на трупче, затреперил со целото тело. А царскиот прислужник Фусик, кој бил таен христијанин, почнал да го охрабрува Ананија говорејќи: „Не плаши се старче, затвори ги очите и биди мажествен да би ја согледал божествената светлина!" Штом го изрекол тоа, бил повикан како христијанин и кај царот тужен. Царот и него со големи маки го убил, а исто така и неговата ќерка, девицата Аскитреја. Најпосле и св. Симеон бил исечен, откако прво своето стадо го испратил во оној свет. Следната година, на Велики Петок, бил убиен за Христа и омилениот царски евнух Азат и со него илјада други верни. Тогаш царот го сожалил својот евнух и го прекинал натамошното убивање на христијаните. Сите чесно пострадале за Христа Царот и Господа во 341 или во 344 година.

2. Св. Акакиј еп. Мелитински. Се подвизувал во градот во кој и се родил, т.е. во Ерменската Мелитина. Блажениот Отриј, епископот на тој град, кој учествувал на II вселенски собор, го ракоположил за презвитер. По смртта

на Отриј, Акакиј станал епископ. Учествувал на III вселенски собор во Ефес, кој го осудил Несториевото злохулство на Богомајката. Тука тој заедно со св. Кирил Александриски мошне ревнувал за чистотата на верата православна. Св. Акакиј имал голема благодат од Бога и правел многу чуда. По долгата и ревносна служба на Бога, завршил мирно во 435 година.

3. Св. Агапит папа Римски. Бил испратен од Теодота, кралот готски, кај царот Јустинијан во Цариград да го одврати овој од походот против Готите. По патот исцелил нем и слеп човек. Во Цариград помогнал да се утврди православието и завршил во 536 година.

4. Преп. Саватиј и Зосим, основатели на подвижничкиот манастир на соловецкиот остров во Белото Море. Во овој соловецки манастир се прославиле мнозина големи светии. Св. Саватиј се упокоил во 1435, а св. Зосим во 1478 година.

РАСУДУВАЊЕ

По Халкидонскиот собор, царот Анастасиј, еретик, ги испратил во заробеништво правоверните патријарси Илија Ерусалимски и Флавијан Антиохиски. Еден ден овие двајца светители ја предвиделе смртта на царот – еретик и си испратиле истовремено известување еден на друг, велејќи: „Анастасиј умре, да појдеме и ние да се пресудиме со него пред Бога!“ Царот умрел и по два дена и двајцата патријарси умреле. Каква ревност кон вистината на верата! И какво кротко полагање пред Судот Божји! На овие светители не им било што подолго да живеат на земјата, туку се грижеле за вистината Божја. Ниту пак тие рекле: „Ние пресудивме“, туку: „Бог нека пресуди“. Нашето постоење на земјата и не е само заради постоењето, туку заради лично определување за добро или за зло, за вистина или за лага. Блазе нам ако во сѐ се ставиме на волјата Божја и на Судот Божји. За сѐ треба да имаме силна вера. Силна вера имаа овие православни архипастири. Силна вера имаше и св. Акакиј. Еднаш во време на голема суша, кога народот веќе очајувал, овој чуден Акакиј направил литија со народот по градот и надвор од градот. Средил и надвор од градот да има литургија, пред црквата на св. Евстатиј. Осветувајќи ги светите дарови, Акакиј не сакал да налее вода во виното, туку се молел на Бога, Се-

вишниот да пушти вода во потирот, од облаците. И Бог ја услишал молитвата на Својот верен слуга, пуштил обилен дожд, како во сувите полиња, така и во чесниот потир.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснатиот Господ Исус, и тоа:

1. како Он уште 40 дена престојувал на земјата покажувајќи се на верните и утврдувајќи ги во верата;
2. како Он со тоа четириесетдневно јавување покажал дека не воскреснал заради Себе, туку заради луѓето.

БЕСЕДА
за чудното ветување Христово

На оној, што победува, ќе му позволам да седне со Мене на Мојот престол (Откр. 3:21).

Тоа е, браќа, ветување на Христа Победителот на ѓаволот, гревот и смртта.

Но, и ѓаволот, и гревот и смртта се појаки од човекот – кој може да ги победи? Никој освен Христос и оние кои цврсто ќе застанат покрај Христа и со Неговото оружје ќе стапат во борба.

Ѓаволот е стар како и светот, и уште постар од светот. Како може човекот, чиј век е со мерка, да го победи оној кој многу илјади години се учел на борбата против луѓето? Како едно смртно творение може да ги совлада сите ѓаволски искушенија, чиј број изнесува колку и бројот на злото на земјата? Никако, ако не знае дека Господ Исус ги победи трите главни видови ѓаволски искушенија на високата гора. И никако, ако не застане човекот цврсто крај Христа, Кој е постар од времето и е помоќен од сите ангели, лоши и добри.

Гревот е стар како ѓаволот. Како може човекот, чиј век е со мерка, да го избегне гревот, кој се пренесува како заразна болест и како мирис од колено на колено и од човек на човек, од кога човекот постои на оваа и на ваквата земја? Никако, ако не знае дека постоел еден Човек, еден единствен, кој не погреши ни во раѓањето ни по раѓањето Бого-

човекот Исус Христос, кој со смирението на Своето човештво и со огнот на Своето божество го уништи гревот на Крстот? И никако, ако човекот не застане цврсто крај Христа постариот од гревот и помоќниот од сите сејачи и носители на гревот.

Смртта е стара како човекот, истеран од Рајот. Како може човекот, чиј век е со мерка, да ја победи смртта на овие светски гробишта? Никако, ако не ја признае силата на Крстот и страдањата Христови и вистината за воскресението Негово од гробот. Никако, ако не застане цврсто крај Христа семоќниот Победител на смртта.

О каква убава награда за оние кои ќе победат! Тие ќе седат овенчани со венци на слава на престолот на најголемиот Победител на небото и на земјата! Нему нека Му е слава и вечна пофалба. Амин.

18 АПРИЛ

1. Преп. Јован, ученик на св. Григориј Декаполит. Во времето на иконоборната ерес, царот Лав Ерменецот го ставил овој Јован на маки заедно со неговиот учител Григориј и со св. Јосиф Песнописец. Кога св. Григориј го завршил својот земен живот, Јован станал игумен на Декаполитовиот манастир во Цариград. Станувајќи игумен, тој го удвоил својот подвиг заради Царството Божјо. Завршил мирно околу 820 година. А по смртта св. Јосиф го погребал чесно близу до гробот на св. Григориј.

2. Св. мч. Јован Нови Јанински. Родум од Јанина, некогашната престолнина на царот Пир. Кога неговите сиромашни родители изумреле, тогаш младиот Јован се преселил во Цариград и таму го продолжил својот занает (оти бил занаетчија). Не многу пред тоа, Турците го освоиле Цариград, и мнозина од христијаните од страв се одрекле од Христа и ја примиле Мухамедовата вера. Св. Јован имал свој дуќан токму меѓу ваквите потурчени. Доколку младиот Јован повеќе горел со љубов кон Христа Господа, дотолку посилно се искажувал како христијанин пред овие предавници на Христа. И почнал со нив да се препира за верата, па најпосле и да ги укорува поради предавството на Христа. Тогаш тие го одвлекле пред судот и лажно го оптужиле како божем и тој порано го примил исламот, па сега повторно се

вратил во христијанството. Откако бил мачен и тепан со стапови и железни шипки, го фрлиле во самица. Другиот ден бил денот на Воскресението Христово – повторно го повеле на тормозење, а Јован излегол радосно, пеејќи: „Христос воскресна од мртвите!“ На своите мачители тој храбро им рекол: „Правете што сакате за што поскоро да ме испратите од овој кратковремен живот во животот вечен: роб Христов сум, на Христа Му последувам, за Христа умирам, за со Него да би живеел!“ После тоа, Јован бил врзан во синџири и доведен на клада. Видувајќи голем оган, подготвен за него, Јован самиот потрчал и скокнал во пламенот. А неговите мачители, гледајќи како тој ја љуби смртта во огнот, го извлекле од огнот и го осудиле на исекување со меч. Кога му ја отсекле главата, ги фрлиле и главата и телото во огнот. Подоцна христијаните ја растргнале пепелта и собрале некои останки од неговите чесни и чудотворни мошти и ги погребале во Великата Црква во Цариград. Така завршил со маченичка смрт и примил славен маченички венец св. Јован Јанински на 18 април 1526 година.

3. Св. мч-ци Виктор, Зотик, Зинон, Акиндин и Северијан. Сите биле мачени во времето на царот Диоклецијан. Биле незнабожци додека не ги виделе маките на св. Георгиј Великомаченикот. Но видувајќи ги тие маки и храброста на овој славен маченик, и многуте чуда што се појавиле тогаш, тие ја примиле верата христијанска, за која набргу и пострадале и со слава биле овенчани.

РАСУДУВАЊЕ

Во еден опис за мачењето на христијаните под персискиот цар Сапор се вели: „Мечовите отапеа, маченицитe попаѓаа, мачителите се изморија – а Крстот сѐ повеќе се воздигнуваше и светеше од крвта на Христовите маченици“. Колку и колкупати гонителите на христијаните самоуверено мислеле дека завршиле со христијанството засекогаш! Всушност, тие го завршувале својот живот, а христијанството секогаш одново зеленеело и цутело. Па сепак, и покрај тоа искуство, некои наши современици мислат дека христијанската вера може со сила да се искорени. Но само не кажуваат на кој начин и заборавaат дека сите начини безброј пати веќе се испробувани, но сите биле безуспешни. Со причина Тертулијан им довикнал на незнабожците: „Залудно ја про-

левате нашата крв: крвта на мачениците е семе на христијаните".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснат Господ Исус, и тоа:
1. како Неговото воскресение им донесло неизречена радост на оние кои Го љубеле;
2. како Неговото воскресение им донесло неизречена горчина на оние кои Го мразеле;
3. како и Неговото последно доаѓање во светот, во слава и сила, кај разни луѓе ќе предизвика различни чувства, или радост, или горчина.

БЕСЕДА
за сведоштвото од сигурни сведоци

Откако станавме очевидци на Неговото величие (II Петр. 1:16).

Кога апостолите говорат за славното воскресение Господово, тие говорат во множина, бидејќи секој од нив го предава своето сведоштво и сведоштвото на останатите свои другари. Така и апостол Петар пишува: „Зашто ние ви ја покажавме силата и доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос не преку измислени параболи, туку откако станавме очевидци на Неговото величие". Натанаил не сакал да верува само по слушање. Затоа апостол Фили го повикал: „Дојди и види!" Натанаил дошол и видел и поверувал. Така и сите останати апостоли: додека не Му се приближиле на Христа, додека не слушнале и не виделе, не сакале да веруваат. Мудро измислените приказни не ги привлекувале апостолите. Нивната здрава природна смисла барала очевидни факти, а не приказни.

О браќа мои, нашата вера е добро утврдена и докажана. Трагот Божји во светот е добро изгазен и набиен. Никој не мора да се сомнева. Христовото воскресение е добро посведочено. Никој не мора да очајува. Сомнежот и очајанието се два црва што се раѓаат од плукотниците на гревот. Кој не греши, тој јасно го гледа набиениот траг Божји во светот и јасно го познава воскресението Христово.

О воскреснат Господи, закрепи нè со силата на Твојот Свет Дух за да не грешиме и да не ослепиме за Твојата трага во светот и за светлото Твое воскресение. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

19 АПРИЛ

1. Преп. Јован Ветхопештерник. Се подвизувал во т.н. „Ветха Пештера" или „Лаврата на Великиот Харитон" во Палестина. Возљубувајќи Го Христа Господа со сето срце, со сета душа и со сиот свој ум, тој од младоста почнал да патува по свети места и да ги слуша поуките и советите на светите луѓе. Најпосле се населил во Харитоновата пештера каде што се предал на голем подвиг, поминувајќи ги деновите и годините во пост, молитва и бдеење, непрестајно мислејќи на смртта и учејќи се на смирение. Како добро узреан плод бил обран со смртта и преселен во Рајот. Поживеал и се упокоил во VIII век.

2. Св. мч-ци Христофор, Теона и Антонин. Овие тројца биле млади офицери кај царот Диоклецијан. Кога св. Георгиј Великомаченикот бил мачен, тие ги гледале неговите маки, како и чудата што се случиле во таа прилика. Видувајќи го сето тоа, тие излегле пред царот, го отфрлиле оружјето, ги соблекле од себе војничките појаси и храбро Го исповедале името на Господа Исуса. Затоа биле ставени на големи маки и најпосле фрлени во оган, телата им изгореле, додека душите им отишле при Господа во вечната радост. Чесно пострадале во Никомидија во 303 година.

3. Св. Трифун патријарх Цариградски. Царот Роман, кој владеел со Византија во почетокот на X век, имал син Теофилакт од 16 години кога умрел патријархот Стефан. Царот сакал својот син да го воздигне за парријарх оти го ветил на духовно звање уште од малечко, но поради малолетноста се срамел тоа да го направи. Престолот патријаршиски го зазел Трифун, прост, но чист и благочестив старец. И Трифун останал на престолот три години. Кога царскиот син влегол во дваесеттата година, царот намислил да го оттргне Трифуна и својот син да го стави за патријарх. Светителот Божји, Трифун, не сакал доброволно да се тргне од престолот, не поради нешто друго, ами единствено поради тоа што го сметал за голема соблазна тоа толку млад чо-

век да се воздигне на така одговорна и тешка положба каква што е патријаршиската. Тогаш со сплетка на некој лош епископ бил измамен потпис од незлобливиот Трифун на чиста хартија, па после над тој потпис била напишана во царскиот двор божемната оставка на патријархот, која царот ја објавил. Поради тоа настанала голема збрка во Црквата, оти народот и свештенството биле со Божјиот човек Трифун. Тогаш царот со сила го оттргнал стариот патријарх и го испратил во манастир, а својот син Теофил го воздигнал за патријарх. Свети Трифун поживеал во манастирот како подвижник 2 години и 5 месеци и Му се претставил на Господа во 939 година.

4. Преп. мч. Агатангел. Од Тракија. Светското име му било Атанасиј. Служејќи кај Турци, Турците насилно го потурчиле во Смирна. Како покајник бил замонашен во Света Гора, во манастирот „Есфигмен". Мачен од совеста, тој посакал со крвта своја да го измие својот грев. Отишол во Смирна каде што на Турците им покажал крст и икона на Воскресението Христово. Бил исечен на 19 април 1819 година во својата 19. година. По смртта, му се јавил жив на својот духовник Герман.

5. Преп. Симеон Бос. Се подвизувал во Св. Гора и бил кратко време игумен на Филотејскиот манастир. Ги утврдувал христијаните во верата во многу балкански места и се прославил со чудотворство. Одел бос, поради што е и наречен *Бос*. Се претставил во Цариград.

РАСУДУВАЊЕ

Еден старец, духовник, рекол: „Станувајќи наутро, вели си самиот на себе: тело работи да се прехраниш; душо, биди свесна за да се спасиш и да го наследиш Царството!" Ова не се само празни зборови, туку тоа било устав на многу илјади монаси низ векови и векови, секојдневен устав на животот. Со работата се хранеле, а со молитвата се осветувале. Зошто само монасите? Зар тоа не може да биде устав на секој Христов следбеник? Зар самиот Христос не ни дал јасен пример за тоа, т.е. пример за телесниот труд и за осветувањето со непрестајна молитва?

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснатиот Господ Исус, и тоа:

1. како е Он, во Своето прославено тело, близу до Своите ученици, близу до оние кои Го бараат (Марија Магдалена во градината); близу до оние кои се во страв (учениците во затворената одаја); близу до оние кои се гладни (на брегот од езерото);

2. како е Он и сега близу до секој од нас кој Го бара, кој е во страв и кој е гладен.

БЕСЕДА
за внимателност кон сѐ што не е по Христа

Браќа, пазете некој да не ве заведе со филозофија и со празна измама според човечкото предание, според стихиите на светот, а не по Христа (Колосј. 2:8).

Браќа, да не нѐ зароби филозофијата, која, нагаѓајќи говори дека нема вечен живот ниту воскресение од мртвите, бидејќи ние не доаѓаме до Вистината со нагаѓање човечко, туку со Божјо откровение. И тоа што го знаеме за Вистината, го знаеме од самата Вистина што се открила во Господа Исуса Христа и ни се соопштила преку верните и мудри сведоци на Вистината, апостолите и светителите. Ако, пак, заради нашите гревови, ги отфрлиме овие сведоштва и ги примиме човечките нагаѓања, ќе паднеме во мрачно и луто ропство на природата, на телото, гревот и смртта.

Браќа, да не нѐ прелажат празните човечки кажувања, од човекот и по човекот, како божем нема друг свет или, ако го има, божем ние за тоа ништо не знаеме. Гледај, ние сигурно знаеме дека има друг свет. И тоа го знаеме не од такви што нагаѓаат и измамници, туку од самиот Господ Исус, Кој на Тавор им се јавил на учениците со одамна заминатите од овој свет, Мојсеј и Илија, и Кој самиот се јавил на многу Свои следбеници по Својата смрт. И уште, ние тоа го знаеме од апостолите, од светителите и од многубројните тајновидци на кои Бог им ја откри, заради нивната чистота и светост, вистинската вистина за оној свет. Но ако заради нашите гревови не им веруваме на оние свети и вистинити

сведоци, тогаш ние ќе веруваме на несвети и лажни луѓе, и ќе бидеме робови на мракот, на гревот и на смртта.

Браќа, да не нè прелаже светската наука, која ги испитува животните, билките и камењата и вели дека таа никаде не Го нашла Бога меѓу овие твари, та оттука потврдува дрско како да нема Бог. Гледај, ние знаеме дека Творецот и не може да биде како твар помеѓу тварите туку е Он над сите твари и е различен од сите твари. А ние тоа го знаеме како по духовен разум така и по јасното откровение на самиот Господ Исус, Кој се покажал и во човечко тело како Господар на сите создадени твари, а така и по сведоштвото на апостолите и на многу други свети и видовити луѓе.

Туку, да Го прославиме Господа Исуса воскреснатиот од мртвите. Господи воскреснат, на Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

20 АПРИЛ

1. Преп. Теодор Трихина. Цариграѓанин, син на богати родители. Како момче ги оставил своите родители, и домот, и богатството и се населил во еден пустински манастир во Тракија. Таму се предал на најтешки подвизи. Спиел на камења – за што помалку сон да има – одел секогаш гологлав и се облекувал во едно облекло од кострет, поради што е и наречен *Трихин* или *Кострет*. Поради своето големо самомачење заради спасението на душата, Бог го надарил со голем дар на чудотворство, и за животот, и по смртта. Мирно завршил околу 400 година. Телото му се покажало мироточиво.

2. Преп. Анастасиј Синајски. Игумен на гората Синајска. Најпрво бил монах под славниот игумен Јован Лествичник, а по смртта на овој и самиот станал игумен. Покрај тоа што бил голем подвижник, тој бил и красноречив писател на „Житијата на светиите“, како и на други поучни списи. Водел жестока борба против еретиците т.н. акефалити (безглавите), кои го порекнувале IV вселенски собор во Халкидон. Завршил во длабока старост во 685 година и отишол при својот Господ, на Кого верно Му служел.

3. Блажен Анастасиј Синаит, патријарх Антиохиски. Како монах на Синајската гора бил избран за патријарх Антиохиски во времето на царот Јустинијан. На таа поло-

жба го воздигнала неговата добродетелност, чистотата на животот, големата духовна ученост и тврдата вера. Но царот Јустинијан паднал во докетската ерес, против која остро станале патријархот Цариградски Евтихиј и овој блажен Анастасиј. Царот го прогонил Евтихија и сакал да го прогони и Анастасија, но не можел да му најде никаква забелешка во животот. Кога, пак, Јустинијан умрел, покајувајќи се претходно и повратувајќи го Евтихија на престолот, тогаш Јустин, наследникот негов, успеал да го прогони Анастасија врз основа на некакви клевети. Анастасиј поминал 23 години во прогонство и повторно бил вратен на престолот антиохиски за време на царот Маврикиј. Уште 6 години управувал со Црквата Божја и го завршил своето земно патување во 599 година.

4. Блажен Григориј патријарх Антиохиски. Ерменец по народност. Бил игумен на манастирот „Фаран", под горала Синајска, па кога блажениот Анастасиј бил прогонет од престолот, тој и против неговата волја бил поставен за патријарх Антиохиски. За него пишува мошне пофално и блажениот патријарх Софрониј во својата книга „Лимонариум". Григориј се одликувал со преголемо милосрдие, особено кон грешниците. Се упокоил во Господа во 593 година.

5. Св. ап. Закхеј. Прво бил цариник и грешник. Па кога Господ го видел во Ерихон на дрвото (Лука 19:1), влегол во неговиот дом со што Закхеј прибегнал кон покајание. Подоцна Закхеј му последувал на св. ап. Петар, кој го поставил за епископ во Кесарија Палестинска каде што верно му служел на *Евангелието* и мирно завршил.

6. Преп. Атанасиј Метеорит. Роден е во 1310 година. Се подвизувал во Св. Гора. Го основал познатиот манастир „Метеор" во Тесалија. Имал голем дар на видовитост и чудотворство[7]).

---

[7]) Св. Филарет во своите „Житија на светиите" го споменува и свети Гаврил Младенец, кого некој скржавец Шчутко го измамил во пусто место и таму го распнал на крст. Гаврил бил родум од селото Звјерки близу до градот Заблудово. Имал само шест години. Неговите родители Петар и Анастасија Гавдјел не биле дома тој ден. По 30 години, телото на Гаврил било најдено неизгниено. Пострадал во 1684 година.

РАСУДУВАЊЕ

Свети Анастасиј Синајски учи: „На секој христијанин од Бога му се дава ангел да го чува цел живот (освен ако со некои лоши дела не го изгони). Но, како што чадот ги прогонува пчелите, а лошата смрдеа гулабите, така и нашиот чувар, ангелот, ги оддалечува од нас нашите гревови: пијанството, блудството, гневот и останатото. Секој верен човек, ангелот го упатува на секое добро дело, додека демоните навалуваат да ги соблазнат верните и да ги лишат од царството небесно..." Дека ангелите се близу до луѓето и дека тие се грижат за луѓето за тоа сведочи целото *Свето писмо*, а посебно ***Новиот завет***. Освен тоа, во православната црква постојат безбројни предавања на свети мажи и жени кои сведочат за тоа, што го потврдува и св. Анастасиј. Имено, дека секој од нас во овој живот го следи благиот и моќен весник Божји, војникот на Царот небесен, ангелот на светлината. Кој, освен безумниот, го изгонува пријателот од себе? Навистина, само безумните и крајните незнајници ги изгонуваат со гревовите своите најдобри пријатели, своите ангели хранители.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснатиот Господ Исус, и тоа:

1. како Он, како Семоќен Победител на смртта не им се одмаздува на Своите непријатели, кои Го мачеле и Го распнале, туку оставајќи ги самите на себе, ги поддржува Своите исплашени пријатели;

2. како Он и денес, како и во сите времиња, незлоблив и кроток, не брза на одмазда кон неверните, туку брза на помош на верните.

БЕСЕДА
за едната и единствената
основа на спасението

Зашто никој не може да постави друга основа, освен положената, која е Исус Христос (I Кор. 3:11).

Евреите велат: „Основа е Мојсеј". Мухамеданците велат: „Основа е Мухамед". Кратковидите природници велат: „Основа е природата". А ние прашуваме: „Дали Мојсеј воскресна од гробот? И дали Мухамед се вознесе на небото? И дали природата дава Свет Дух Утешител?" Мојсеј не воскресна, Мухамед не се вознесе на небото, а природата не само што не им дава на луѓето Свет Дух Утешител, туку дише со омраза кон човекот и 'ржи против него и му ги покажува ноктите.

Не може да биде основа на светот оној кој е зачнат во грев и кој самиот правел гревови; кој лутал и барал совет од жени и кој со туѓа сила правел некои дела; кој во гробот изгнил и чие име ги доведува во недоумица луѓето, односно патот, вистината и животот. А Мухамед и Мојсеј се зачнати во грев, правеле гревови, барале совет од жени, со туѓа сила правеле дела, во гробот изгниле и нивното име ги доведува луѓето во недоумица, односно патот, вистината и животот.

Затоа, браќа, нема каде да се ѕвираме низ историјата и да бараме некоја друга основа, освен Господа Исуса Христа, Кој е зачнат без грев, Кој не направи ниеден грев; Кој не луташе и не бараше совет од никого, Кој со Својата сопствена сила правеше моќни дела, Кој не изгни во гробот и чие име не ги доведува луѓето во недоумица, односно патот, вистината и животот.

Апостолот не вели дека Христос поставил некоја основа, туку дека е Он таа поставена основа. Он е сета правда, па затоа Он е основа на секоја правда. Он е сета вистина, па затоа Он е основа на секоја вистина. Он е сета мудрост, па затоа Он е основа на секоја мудрост. Он е сета сила, па затоа Он е основа на секоја сила. Он е сето добро, па затоа Он е основа на секое добро. Он е сиот живот, па затоа Он е основа на животот во двата света, и на овој, и на оној. Господи, воскреснат, Ти си основа на нашето спасение и на вечниот живот. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

21 АПРИЛ

1. Свешт-мч. Јануариј и други со него. Овој светител бил епископ во Кампанија Италијанска. Во времето на гонењето од страна на Максимијан бил изведен пред суд и тормозен со разни маки, кои тој незлобливо и трпеливо ги поднесувал. Кога го фрлиле во оган, огнот се намалил со невидлива роса и маченикот неповреден стоел во средината на огнот и Му пеел на Бога пофалба. Тогаш му го стружеле телото со железни четки, додека коските не се забелеале, но маченикот незлобливо и трпеливо поднесувал. Неговите маки ги гледале неговиот ѓакон Фауст и чтецот Дисидериј, и плачеле по својот духовен отец. Тогаш и нив ги врзале, па заедно со епископот ги довеле во градот Путеол и ги фрлиле во самица. Во истата самица заради Христа биле и путеолските ѓакони Прокул и Сосиј, и двајца прости луѓе христијани, Евтихиј и Акутион. Утредента сите седуммина ги фрлиле пред ѕверови. Но ѕверовите не се ни допреле до нив. Тогаш сите со меч ги исекле, а христијаните на градот Неапол тајно го пренесле телото на св. Јануариј во својот град и чесно го положиле во црквата. До ден–денешен безбројни чуда се пројавиле на гробот на овој светител. Меѓу многуте чуда запаметено е и тоа, дека една бедна вдовица, на која ѝ умрел синот единец, ја зела од црквата иконата на св. Јануариј и ја положила на своето мртво чедо, плачејќи и молејќи му се на светителот. И синот ѝ оживел. Чесно пострадал св. Јануариј во 305 година.

2. Св. мч. Теодор и други со него. Пострадал за верата Христова во Перга Памфилиска во времето на царот Антонин. Свети Теодор бил млад и убав во лицето. Кога наместникот на таа област го избрал заедно со други момчиња, кои требало да се испратат на служба во царскиот двор, Теодор се спротивставил и изјавил дека тој е христијанин. Поради тоа бил мачен со разни маки, па фрлен на оган. Но од земјата избила вода и го изгаснала огнот. Наместникот тоа го препишувал на некакви магии на Теодор. А маченикот му рекол: „Ова не е дело на мојата сила, ами на Христа мојот Бог, а ако сакаш да ја познаеш силата на твоите богови, наложи друг оган и фрли еден од твоите војници, па се надевам дека ќе ја познаеш нивната сила и семоќта на мојот Бог“. Наместникот сакал навистина да фрли еден од војници-

те, но тие во стравот го молеле да го фрли вражачот Диоскор наместо нив. Вражачот, пак, молел да го фрли самиот идол Зевс и останатите идоли, па ако се богови, тие лесно ќе се спасат. А тоа Диоскор го рекол затоа што веќе бил со срцето обратен при Христа, откако го видел чудото со св. Теодор. Дознавајќи за ова, намесникот го осудил Диоскора на смрт и го запалил. Исто така ги предал на смрт и Теодора и двајца војници, Сократ и Дионисиј, и уште Филипа, мајката Теодорова. Свети Теодор го распнале на крст, на кој дури третиот ден издивнал. Сократ и Дионисиј биле со копје прободени, а Филипа со меч исечена. Сите биле овенчани со венци на славата во Царството Христово.

РАСУДУВАЊЕ

„Чувај го срцето!" – говореле во старо време подвижниците. Отец Јован Кронштатски, во наши дни, говори исто така: „Срцето е добро, лесно духовно, небесно според својата природа – чувај го, не обременувај го, не приземјувај го, биди крајно воздржлив во јадењето и пиењето и воопшто во телесните задоволства. Срцето е храм Божји, ако некој го разори Божјиот храм, него Бог ќе го разори" (I Кор. 3:17). Духовниот опит во старо време и духовниот опит во нашево време е ист, под услов да е исто и вероисповеданието. Небесното сознание до кое доаѓале старите подвижници не се разликува од небесното сознание до кое доаѓаат новите подвижници. Бидејќи, како што е Христос ист, денес како вчера, така е иста и човечката природа. И што е важно: исто е срцето човечко, иста е неговата жед и неговиот глад и ништо не може да го засити како славата, силата и богатството Божјо.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснатиот Господ Исус, и тоа:

1. како Он, јавувајќи им се на апостолите, ни се јавува на сите нас;
2. како Неговото воскресение е доказ за бесмртниот живот и блага вест за бесмртниот живот на сиот човечки род.

БЕСЕДА
за Христос во срцата на верните

И преку верата Христос да се всели во срцата ваши (Ефес. 3:17).

Го нема Христоса оној што Го има само на јазикот. Ниту Го има Христа оној што Го има само на хартија. Ниту Го има оној, што Го има само на ѕидот. Ниту Го има оној што Го има само во музејот на минатото. Го има оној што навистина Го има во срцето. Бидејќи Христос е љубов, а просто, љубовта е срцето.

Ако ти е Христос во срцето, тогаш Он ти е Бог. Ако ли Он ти е само на јазикот, или на хартијата, или на ѕидот, или во музејот на минатото, макар ти и да го именуваш како Бог, Он е играчка за тебе. Варди се тогаш, о човеку, бидејќи никој не може неказнето да си игра со Бога.

Срцето привидно е тесен орган, но во него може да се всели Бог. И кога во него ќе се всели Бог, тоа е наполнето и преполнето и ништо повеќе во него не може да се смести. Ако ли, пак, во него се всели целиот свет без Бога, тоа останува празно.

Браќа, нека Христос, воскреснатиот и жив Господ, се всели со верата во вашите срца и тие ќе бидат наполнети и преполнети. Но, Он не може на друг начин да се всели во вашите срца, освен со вашата вера. Ако немате вера, Христос ќе остане само на вашиот јазик, или на хартијата, или на ѕидот, или во музејот на минатото. Кава корист ќе имате од тоа? Каква корист имате ако го држите животот на јазикот, а смртта во срцето? Бидејќи, ако го држите светот во срцето, а Христа на јазикот, ја држите смртта во срцето, а животот на јазикот. На жедниот не му помага водата на јазикот. Спуштете Го живиот Христос во срцето и ќе се напоите вистински и ќе осетите неискажана сладост.

О воскреснат Господи, исчисти го нашето срце од смртоносните гости во него и Ти всели се во него за да бидеме живи и Тебе да Те прославиме. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

22 АПРИЛ

1. Преп. Теодор Сикеот. Место на раѓање му било селото Сикеа во Галатија, поради што бил наречен Сикеот. Уште како десетогодишно дете Теодор се предавал на труден пост и сеноќна молитва по угледот на некој старец Стефан, кој живеел во неговиот дом. Мајка му Марија била богата вдовица и имала намера својот син да го посвети на воено занимање. Но на сон ѝ се јавил св. Георгиј и ја известил дека Теодор е наменет на служба не на земниот, туку на Небесниот Цар. И на Теодора му се јавувал св. Георгиј многупати било да го поучи било да го спаси од некаква опасност, во која злобните демони го ставале. Имал и неколку виденија на Пресветата Богородица. Теодоровиот подвиг ги надминувал со својата суровост подвизите на сите живи подвижници на неговото време. Телото го мачел и со глад, и со жед, и со железни окови и со сеноќно стоење на молитва. Сè само својата душа да ја врзе со љубовта кон Бога и душата да ја направи потполна господарка над телото. На Теодоровата љубов милостивиот Господ одговорил со љубов. Он му дарувал голема моќ над лошите духови и над сите болести и маки човечки. Се прочул на сите страни како чудотворен исцелител. Поради големата чистота и духовност, и покрај тоа што не сакал, бил посветен за епископ Анастасиополски. На епископската служба поминал 11 години и тогаш Го замолил Бога да го ослободи од таа служба за повторно да му се посвети на својот омилен подвиг. Потоа се вратил во својот манастир каде што во старост Му ја предал својата душа на Господа, заради Кого доброволно многу страдал. Завршил во почетокот на царувањето на царот Ираклиј, околу 613 година.

2. Св. мч. Леонид. Татко на Ориген. Пострадал за Христа во Александрија во 202 година. Прво со царски указ целиот имот му го одзеле, а потоа на смрт го осудиле. Ориген му пишувал на својот татко во самицата: „Татко, не грижи се за нас и не избегнувај од маченииштво поради нас" (т.е. поради децата).

3. Преп. монах Виталиј. Во времето на патријархот Јован Милостив се појавил некој млад инок, кој, штом дошол, составил список на сите развратнички во Александрија. Подвигот на овој инок бил исклучителен и единствен. Преку денот тој се најмувал да ги работи најтешките работи, а ноќе одел во блудни домови, ги давал заработените па-

ри на некоја развратница и со неа се затворал во собата по цела ноќ. Штом ќе се затвореле, Виталиј ја замолувал жената да легне и да спие, а тој во аголот на собата ја поминувал целата ноќ во молитва кон Бога за таа грешница. Така ја чувал грешницата да не греши барем една ноќ. Втората ноќ одел кај друга, третата кај трета и така по ред додека не се помолил кај сите, па повторно се враќал кај онаа со која почнал. По неговите совети, многу грешнички го оставиле својот валкан занает, та едни се омажиле, други отишле в манастир, трети тргнале на чесна работа и заработувачка. На сите тие жени св. Виталиј им забранувал да кажуваат за што тој доаѓа кај нив. Поради ова св. Виталиј станал соблазна за цела Александрија. Луѓето на улица го навредувале, го плукале, па и го тепале. Но тој сè стрпливо поднесувал, јавувајќи Му ја својата добродетел на Бога, а криејќи ја од луѓето. Кога тој умрел, тогаш се дознало сè за него. На неговиот гроб почнале да се случуваат многу чудотворни исцеленија; народот од разни страни почнал да ги донесува своите болни на неговиот гроб. Од луѓето тој бил плукан и останал прославен од Бога, Кој сè гледа.

РАСУДУВАЊЕ

За време на соборот во Никеја скараните клирици пишувале тужби еден против друг и ги давале на царот. Царот Константин ги примил сите тужби и без да ги отвори, ги изгорел на пламенот од свеќата. Царот им рекол на тие околу себе: „Кога јас со свои очи би видел епископ, или јереј, или монах на грешно дело, јас би го покрил со својата облека за никој повеќе да не го види неговиот грев“. Така, овој голем христијански цар ги посрамил клеветниците и им ги затворил устите. Нашата вера ни забранува да бидеме предавници на туѓите гревови и ни налага да бидеме непоткупливи судии на своите гревови. Болниот во болницата е зафатен со својата сопствена болест, та нема ни волја ни време да ги испрашува другите болни и да се потсмева на нивните болести. Зар ние сите не сме на овој свет болни во некоја болница? И зар не ни налага обичниот ум да си ја гледаме својата болест а не туѓата? Нека никој и не помислува дека во оној свет ќе се излекува од својата болест. Овој свет е само болница и лекувалиште, на оној свет нема болници: таму е само, или дворец, или затвор.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснатиот Господ Исус, и тоа:

1. како Он со Своето воскресение ја оправда верата и човечката надеж во бесмртноста;

2. како Он со Своето воскресение го уништи кај верните стравот од смртта.

БЕСЕДА
за силата Божја и човечката слабост

Оши, кога сум слаб, шогаш сум силен (II Кор. 12:10).

Во ***Свешошо иисмо*** нема противречности, па и овие зборови не се противречност, иако така звучат. Телесниот човек се управува според звукот, а духовниот според смислата. За телесниот човек насекаде има противречност, бидејќи тој се плаши од препреки, бега и од сенката, ако таа му се причини како препрека. Духовниот човек е како витез кој сака да совладува препреки. Зад духовниот човек во овие зборови се крие целата наука за спасението.

Кога сум слаб, тогаш сум силен, т.е. кога сум свесен за својата ништожност и за семоќта Божја, тогаш сум силен. Кога знам дека самиот од себе не можам да направам никакво добро, ни на себе ни на друг, и кога целиот ќе се потпрам на моќта и милоста Божја, тогаш сум силен. Кога чувствувам дека јас, давеник на овој свет, не сум во состојба ни пружената рака Божја да ја прифатам, туку повикувам кон Бога со Својата рака да ме прифати и извлече од длабочината на гревовниот понор, тогаш сум силен. Кога ќе видам дека сум слаба и празна трска среде бурни ветрови и поплави, трска што Бог може да ја исполни со Својата сесилна благодат, и кога со вера ќе се помолам за Божјата благодат, тогаш сум силен.

О бессилни браќа мои, да се потпреме на силата Божја за во нашата ништожност да бидеме силни. По човекот сте немоќни, но по Бога сте силни. Прилепете се кон Бога и сета сила Божја ќе биде со вас. Исповедајте ја пред Бог својата немоќ и Бог ќе ви ја испрати Својата семоќна благодат.

Ова ви го потврдува апостолот со својот пример и со свое искуство: „Кога сум слаб, вели, тогаш сум силен“. Навистина нема противречности во ***Свešošo йисмо***. Телесниот човек говори за противречност по звукот на зборовите, а духовниот навлегува во смислата и ја расејува привидната противречност со искуство.

О воскреснат Господи, смилувај се на нашата немоќ и исполни нѐ со Својата сесилна благодат. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

23 АПРИЛ

1. Св. вмч. Георгиј. Овој славен и победоносен светител бил роден во Кападокија како син на богати и благочестиви родители. Татко му пострадал за Христа и мајка му се преселила во Палестина. Кога пораснал, Георгиј отишол во војска, каде во својата дваесетта година достигнал до чин трибун и како таков бил на служба при царот Диоклецијан. Кога овој цар го почнал страшното гонење на христијаните, Георгиј излегол пред него и одважно исповедал дека и тој е христијанин. Царот го фрлил во самица, наредил нозете да му се стават во клада, а на градите тежок камен. Потоа наредил, та го врзале на колце, под кое имало штици со големи клинци и така да го вртат додека целото тело не му стане како една крвава рана. Потоа го закопале во ров така што само главата му била надвор од земјата и го оставиле во ровот три дена и три ноќи. Потоа преку некој маѓесник му дале смртоносен отров. Но при сите овие маки св. Георгиј непрестајно Му се молел на Бога и Бог го исцелувал моментално. Го спасувал од смртта на големо восхитување на народот. Кога и еден мртовец со молитва воскреснал, тогаш мнозина ја примиле верата Христова. Меѓу овие била и царската жена Александра, и главниот вражач Атанасиј, и земјоделецот Гликериј, и Валериј, Донат и Терина. Најпосле царот ги осудил Георгија и својата жена Александра на исекување со меч. Блажената Александра издивнала на губилиштето пред исекувањето, а св. Георгиј бил обезглавен во 303 година. Чудата што се случиле на гробот на св. Георгиј немаат број. Им нема број ни на неговите јавувања во сон и најаве на мнозина кои го споменале и ја побарале неговата помош од тогаш до ден–денешен. Разгорувајќи се со љубов-

та кон Христа Господа на свети Георгиј не му било тешко да остави сè заради таа љубов: и чинот, и богатството, и царската почест, и пријателите, и сиот свет. За таа љубов Господ го наградил со венец на неувенливата слава на небото и на Земјата и со живот вечен во Своето Царство. Уште му дарувал Господ сила и власт да им помага во бедните и неволјите на сите оние што го слават и неговото име го повикуваат.

2. Св. мч. Лазар Нов. Овој новомаченик Лазар бил родум Бугарин од Габрово. Како момче го оставил своето место на раѓање и отишол во Анадолија. Во некое село, Сома, Лазар чувал овци. Но како христијанин предизвикал гнев кај Турците против себе и бил фрлен во самица од некој ага. По долгите мачења и нечовечните тормозења, кои Лазар јуначки ги поднесол од љубов кон Христа, овој млад маченик бил убиен на 23 април 1802 година, во својата 28. година. Господ го примил во Своите вечни дворови и го прославил на небото и на земјата. Над моштите на св. Лазар се случиле многубројни чуда.

РАСУДУВАЊЕ

При некоја побуна во Цариград за време на царот Константин некои разлутени луѓе ги искршиле носот и ушите на статуата на царот во градот. Многу лицемери брзо дошле кај царот и, како со големо гнасење, му кажале како бунтовниците ги искршиле носот и ушите на неговата статуа, барајќи од него да ги казни престапниците со најтешка казна. А големиот цар се допрел до носот и ушите и им рекол на додворувачите: „Јас чувствувам дека и носот и ушите ми се неповредени!“ Додворувачите се засрамиле и се оддалечиле. Со ваква царска великодушност сите да ги поднесуваме навредите од другите. И уште, со посебна одбивност да ги слушаме клеветите кон другите луѓе кои нашите додворувачи ни ги доставуваат. Секогаш треба пред Бога и пред самите себе да исповедуваме дека ние со своите гревови сме заслужиле и многу поголеми навреди од оние што нам ни се прават.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснатиот Господ Исус, и тоа:
1. како Неговото воскресение е почеток на нов и светол ден во историјата на човечкиот род;
2. како Неговото воскресение е мој мир и моја сила и воскресение на мојата душа уште додека сум во тело.

БЕСЕДА
за разбудување на чистиот разум

Еве, возљубени, како веќе ви го пишувам второто послание, во кое со напомнување ви го разбудувам вашиот чист разум (II Петр. 3:1).

Гледате ли, браќа, со каква цел апостол Петар ги пишува своите посланија? Да го разбуди кај луѓето нивниот чист разум! Апостолот тоа го смета за главно. И навистина тоа е и главно. Бидејќи, кога кај сите луѓе би се разбудил заспаниот чист разум, не би останала ниедна човечка душа на Земјата што не би поверувал во Христа Господа, што не би ги исповедала како распнат и воскреснат Спасител на светот, и што скрушено не би прибегнала кон покајание за направените грвови по наговор на нечистиот разум.

Ништо толку не оддалечува од ***Евангелието*** како нечистиот разум. Што го прави нечистиот човечки разум? Гревот. Како млеко во кое ќе се стави отров и целото постанува отров, така и човечкиот разум, кога во него ќе навлезе нечистиот грев, целиот постанува нечист. Секој грев е нечистотија; секој грев го прави човечкиот разум нечист, заматен, отровен. Сето знаење што го има нечистиот разум е нечисто како матни и валкани ликови на предметите во матно и валкано огледало. За чистиот сè е чисто, рекол вториот врховен апостол. Додека Адам имал чист разум во Рајот, сето негово знаење за Творецот и творенијата било јасно и вистинито. Но гревот го помрачил и неговиот разум и разумот на неговите потомци. Оној рајски, чист разум на безгрешен човек не е мртов, туку е заспан во луѓето под грев. Потребно е само да го разбудиме и тој тогаш непогрешно ќе го приведе човекот кон Христа. Затоа апостолот и си наложува

на себе должност кај луѓето да го разбуди тој првобитен, јасен, видовит, од Бога создаден разум.

О браќа мои, да му помогнеме на светиот апостол во будењето на луѓето, кој се распна на крстот надолу со главата заради својата проповед; да му помогнеме, во колку тоа се однесува за нас самите, и да го пробудиме секој својот чист разум. И кога секој од нас тоа ќе го направи, ќе видиме дека сите имаме еден разум. Бидејќи чист разум е еден, додека нечист разум е легион!

О воскреснат Господи, разбуди го Ти во нас чистиот разум според молитвите на Твојот свет апостол Петар. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

24 АПРИЛ

1. Св. мч. Сава Стратилат. Во времето на царот Аврелијан овој славен Сава живеел во Рим и имал војводски чин. По потекло бил од готското племе. Често ги посетувал христијаните по самиците и им помагал со својот имот. Поради голема чистота и постот, му се дала од Бога власт над нечистите духови. Кога бил обвинет како христијанин, тој смело застанал пред царот, го фрлил пред него својот војнички појас и јавно Го исповедал Христа Господа. Бил мачен со разни маки, биен, со железо стружен, со свеќи горен. Но тој не им подлегнал на тие смртоносни маки, туку се јавил жив и здрав. Неговите другари, војници, видувајќи дека Бог очигледно му помага на Сава, ја примиле верата Христова. Тие, 70 на број, веднаш, по наредба на царот, биле исечени. На свети Сава во самица му се јавил Самиот Христос Господ во голема светлина и го крепел Својот маченик. Потоа Сава бил осуден на смрт со потопување во вода. И бил фрлен во длабока река, во која Му ја предал душата на Бога во 272 година. И душата му отишла кон Господа, на Кого верен Му останал во многуте маки.

2. Преп. Елисавета. Во раната младост стапила во монаштво во манастирот на св. Козма и Дамјан во Цариград и примила на себе тежок подвиг заради Христа Бога и заради својата душа. Себе се сметала за невеста Христова, а овој свет како и непостоечки. Од нејзината голема љубов кон Бога произлегувало и големо милосрдие кон луѓето, особено кон болните и страдалните. Со дарот, којшто Бог ѝ го дал,

таа исцелувала разни болести и разни маки на луѓето. На нејзините ноќни молитви ја видувале целата осветлена со небесна светлина. А по смртта, и моштите ѝ биле целебни, та на нејзиниот гроб низ вековите се стекувале мноштво болни и страдалници. Се упокоила мирно и преминала во вечната радост на својот Господ во 540 година.

3. Св. мч-ци Евсевиј, Неон, Леонтиј и Лонгин. Овие четворица биле војнички другари на св. Георгиј. Видувајќи го храброто трпение и чудата на св. Георгиј, овие прекрасни војници станале христијани, поради што биле исечени.

4. Св. мч-ци Пасикрат и Валентин. Кога судијата го наговарал Пасикрата да им принесе жртва на идолите, а исто така и братот на маченикот Папијан, кој отпаднал од Христа поради страв од мачењата, тогаш Пасикрат ја ставил својата рака во огнот и викнал: „Телото е смртно и со оган изгорува, но душата е бесмртна и не ги чувствува видливите маки!“ Мајка му, пак, многу го поддржувала и го храбрела да истрае до крај. Бил исечен со Валентин и обајцата се преселиле во Царството Христово околу 228 година.

5. Преп. Тома Јуродив. Било кога да бил по манастирска работа во градот Антиохија, овој Тома се правел налудничав заради Христа. Некој Анастасиј не сакал да му ја даде бараната милостиња за манастирот, туку му удрил шлаканица. Тогаш Тома прорекол: „Отсега ниту јас ќе примам нешто од Анастасија, ниту Анастасиј ќе може нешто да даде!“ После еден ден умрел Анастасиј, а и Тома при враќањето во манастир издивнал. И така се извршило пророштвото на овој свет човек. Свети Тома се претставил во Лафна, крај Антиохија, во времето на патријархот Домин (546 – 560).

6. Св. новомч-ци Лука и Никола. Прекрасното момче Лука, кројач по занает, пострадал за Христа во 1564 година, а Никола во 1776 година.

РАСУДУВАЊЕ

Препорачувајќи им на христијаните да доаѓаат во храмот на молитва, Златоуст вели: „Ако некој им донесе на потчинетите граѓани царска или кнежевска грамота, граѓаните не го испитуваат животот на носачот дали е тој богат или сиромав, или праведен или грешен, но сите внимателно

го слушаат она што тој го чита. Ако некој не слушнал, го прашува оној кој слушнал. Па кога толку стравопочитување имате кон земниот цар, како ли треба да нѐ слушате нас (свештениците) овде каде што Творецот на небесните сили зборува преку нас грешните?“ И навистина, што е ***Свешошо йисмо***, ако не грамота на Царот небесен! Како да не нѐ интересира секој ден и секој час таа единствена спасоносна Грамота, кога нѐ интересираат и најмалите наредби на најмалите власти во државата? Свети Антониј рекол: „За сѐ што работиш, имај оправдување во ***Свешошо йисмо***“. Но како ќе имаш оправдување во ***Свешошо йисмо***, ако не го знаеш ***Свешошо йисмо***?

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснатиот Господ Исус, и тоа:

1. како Неговото воскресение оттргнува од нас секоја збрканост, мака и тешкотија;
2. како Неговото воскресение внесува во душите човечки ведрина, храброст и добра волја.

БЕСЕДА
за ништожноста на сѐ во споредба со Христа

И сѐ смешам за ошйад, само за да Го йридобијам Хрисша (Филип. 3:8).

Апостолот кој го пишува ова имал светска ученост, имал богатство и пријатели, имал младост и здравје, ги имал сите изгледи за светски успеси во својот народ. Но, тој вели: „Сѐ оставив!“ Заради својот Господ Исус Христос сѐ оставил. Пред светските мудреци постанал како неразумен, пред богаташите како просјак, пред пријателите како непријател, младоста и здравјето ги подложил на доброволни маки и страдања; сите изгледи за светски успеси си ги затворил самиот на себе со еден чекор. И зошто сето тоа го направи ти, о свети апостоле Павле? Затоа што сѐ сметам за отпад, само за да Го придобијам Христа.

Дали, браќа, апостол Павле се прелагал оставајќи сѐ како отпад и дали добил нешто повеќе добивајќи Го Хри-

ста? Дваесет векови сведочат дека апостолот не се прелагал и дека добивајќи Го Христа неспоредливо добил и повеќе и подобро од она што го оставил и го жртвувал. Добил мудрост над секоја светска ученост и богатство негнилежно и нераспадливо, и пријатели во лицето на вистинските ангели Божји, и бесмртна младост без болести и стареење, и божествен успех што трае без промени во вечниот живот. Сето тоа тој го добил добивајќи Го Христа. И сето тоа тој го добил оставајќи сè што светот им го дава на своите миленици.

Навистина, браќа, подобар е Христос од светот и нема зборови со кои би се опишала Неговата надмоќност над светот. Светот своите миленици ги мами, а Христос своите миленици вистински ги наградува. Бидејќи светот дава малку, а зема сè; дава гнилеж и зема живот. Христос, пак, бара малку, а дава сè; бара да го отфрлиме гнилежот, а дава живот вечен. Христос е, браќа, единствен вистински пријател.

О воскреснат Господи Христе, помогни ни да се одречеме од отпадот, да се одречеме од гнилежот и дарувај ни вечен живот. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

25 АПРИЛ

1. Св. ап. и евангелист Марко. Марко му бил сопатник и помошник на св. Апостол Петар, кој во своето I послание го нарекува свој син, не син по телото туку син по духот. Кога Марко бил со Петар во Рим, верните го замолиле да им ја напише спасоносната наука на Господа Исуса Христа, Неговите чуда и Неговиот живот. Така Марко го напишал светото ***Еванѓелие***, кое го видел и самиот Апостол Петар и го посведочил како вистинито. Од апостолот Петар Марко бил поставен за епископ и испратен во Египет на проповед. И така, св. ап. Марко бил и првиот проповедник на ***Еванѓелието*** и првиот епископ во Египет. А Египет целиот бил притиснат со густата темнина на незнабоштвото, идолопоклонството, баењето и злобата. Но со помошта Божја св. Марко успеал да го посее семето на Христовата наука по Ливија, Амоникија и Пентапол. Од Пентапол дошол во Александрија каде што го водел Духот Божји. Во Александрија тој успеал да основа Црква Божја, да ѝ постави епископи, свештеници и ѓакони, и сè добро да утврди во благочестивата вера. Својата прповед Марко ја потврдувал со

големи и многу чуда. Кога незнабожците подигнале тужби против св. Марко како разорувач на нивната идолопоклоничка вера, и кога градоначалникот почнал да трага по Марка, овој отишол повторно во Пентапол каде што продолжил да го утврдува своето поранешно дело. После две години, Марко пак се вратил во Александрија, на голема радост на сите верни, чиј број веќе мошне се умножил. Во таа прилика Марка го фатиле незнабожците, го врзале цврсто и почнале да го влечат по калдрмата, викајќи: „Да го повлечеме волот во обор!" Сиот во рани и крвав го фрлиле во самица, каде прво му се јавил ангел небесен, храбрејќи го и крепејќи го, а потоа му се јавил и Самиот Господ Исус и му рекол: „Мир на тебе, Марко, евангелисту Мој!" на што Марко Му одговорил: „Мир и на Тебе Господи мој Исусе Христе!" Утредента злобните луѓе го извлекле Марка од самицата и повторно го влечеле по улиците со истата вика: „Да го повлечеме волот во обор!" Целиот измачен и истоштен Марко изустил: „Во Твоите раце, Господи, го предавам мојот дух!" и така издивнал и се преселил со душата во подобриот свет. Неговите свети мошти од христијаните биле чесно погребани за низ вековите да им даваат исцеление на луѓето од секоја болест и од секоја мака.

2. Св. Анијан втор епископ Александриски. Кога св. Марко стапнал од лаѓата на сува земја во Александрија, му се скинала обувката на едната нога. Тогаш тој видел еден чевлар и му ја дал обувката на поправка. Шиејќи чевларот си ја прободел со шилото левата рака и почнало да тече крв. Чевларот лелекал од болка. Тогаш апостолот Божји замесил прашина со плунката своја и ја намачкал ранетата рака, и одеднаш раката оздравела. Чевларот му се восхитил на ова чудо и го повикал Марка во својот дом. Слушнувајќи ја Марковата проповед, Анијан – така му било името – се крстил и тој и целиот негов дом. Толкаво благочестие и толкава ревност покажал Анијан на делото Божјо што св. Марко го ракоположил за епископ. Овој свет човек бил втор епископ во Црквата Александриска.

РАСУДУВАЊЕ

Мрзливите раце брзо ги вработува ѓаволот, а вредните – ангелот. Во овој свет на непрестајно движење и непрестајни промени, човекот, сакал или не, мора да биде врабо-

тен, било со добро, било со зло делување. Мрзливиот човек, всушност, не е вработен: тој е вреден работник на ѓаволот. Мрзливото тело и мрзливата душа се најпогодна нива за ѓаволско орање и сеење. Антониј Велики вели: „Телото треба да се скротува и да се вработува со друг труд“. А Ефрем Сирин поучува: „Учи се да работиш за да не се учиш да просиш“. И сите други свети отци, без исклучок, говорат за неопходност од труд за спасение на човековата душа. Пример на непрестаен и напрегнат труд, духовен и телесен, ни даваат апостолите и сите светители. Дека мрзливецот со мрзеливост не го продолжува животот на земјата, туку го скратува, јасно е докажано во долговечноста на многу светители, најголемите трудбеници меѓу трудбениците во светот.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснатиот Господ Исус, и тоа:

1. како Неговото воскресение нè поттикнува и зајакнува за секоја добра работа, телесна и духовна;

2. како Неговото воскресение го озарува секоја наш добар труд со светла надеж на живиот Бог, Кој ги брои, мери и чува нашите трудови за денот на Судот.

БЕСЕДА

за апостолското трудољубие

Ниту, пак, при некого јадевме леб дарум, туку работевме со труд и мака дење и ноќе за да не му додеваме на никого од вас (II Сол. 3:8).

„Првин да се исполни, па потоа да се поучи“. Ова правило го чувале сите Божји апостоли и сите светители. Така и апостол Павле пред да ја изрече заповедта: „Кој не сака да работи, тој и да не јаде“, за себе и за своите помошници изјавува во проповедта дека при никого не јаделе леб подарен, туку со труд и со работа го заслужувале својот леб, ден и ноќ работејќи! Еве вистински трудбеник! Еве медоносни Христови пчели! Деноноќна работа – има ли време за грев? Деноноќен труд – има ли место за порок? Деноноќен труд – има ли повод за соблазнување?

Во некои египетски и палестински манастири живееле по десет илјади монаси. И сите тие живееле од трудот на своите раце: од плетење на кошници, садови и од други рачни работи. Денонокен труд и денонокна молитва. Кога еден монах ги продал своите кошници во градот поскапо од онаа цена што му ја кажал игуменот, тој за тоа бил казнет, бидејќи на подвижниците не им било потребно да се збогатуваат, туку само да се прехранат со најпотребното и најпросто да се облечат. Затоа подвижниците биле и се први следбеници на големите апостоли.

О браќа, да бегаме од мрзливоста како од пештера на ѕверови. И ако, по некој случај, сме западнале во ѕверската пештера да избегаме што брзо од неа додека ѕверовите сосема не ни го затворат излезот. Пештерата е дом во кој мрзливецот пладнува, а ѕверовите се лоши духови што во таквиот дом се чувствуваат подобро отколку кај својот цар во адот.

О Господи, прекрасен во Својот труд околу сите Твои творби, разбуди нè од мрзливоста и поттикни нè на денонокен труд со Твојот Свет Дух. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

26 АПРИЛ

1. Свешт-мч. Василиј еп. Амасиски. Ликиниј, зетот на царот Константин, со чија сестра бил оженет, се преправал пред великиот цар како христијанин, но кога од царот на управување го доби целиот Исток, тој почнал прво тајно, а после јавно да ги гони христијаните и да го утврдува идолопоклонството. Неговата жена тагувала мошне поради тоа, но не можела да го одврати својот маж од бесчестието. Предавајќи му се на идолопоклонството, Ликиниј им се предал безмерно на сите страсти, а најмногу на ненаситеноста на жени. При еден напад на оваа нечиста страст, тој сакал да ја оскверни девицата Глафира, која била во службата на царицата. Оваа ѝ се пожалила на царицата и царицата тајно ја испратила од царскиот двор во Никомидија во Понтиската област. Девицата стигнала во градот Амасија и тука била срдечно примена од епископот Василиј и од останатите христијани. Глафира била мошне радосна што Бог ја сочувал во девството и за тоа ѝ пишувала на царицата. И царицата се радувала и ѝ испраќала пари за храмот амасиски. Но едно

писмо на Глафира, упатено до царицата, паднало во рацете на царскиот евнух, кој му го покажал на царот Ликиниј. Дознавајќи царот каде се наоѓа Глафира, веднаш испратил да се доведе во Никомидија и таа и епископот. Во меѓувреме Глафира умрела, та војниците го довеле само Василија врзан. По маките и самицата, овој блажен маж бил исечен и бил фрлен во морето во 322 година. Неговите клирици, по укажување на ангел Божји, му го нашле телото близу до градот Синоп, го извлекле од водата со помош на рибарски мрежи и го пренесле во Амасија каде што чесно го погребале во храмот, кој тој со свој труд и го подигнал. Царот Константин дигнал војска на Ликинија, го победил, го фатил и го испратил на заробеништво во Галатија, каде што го завршил својот богоодвратен живот.

2. Св. Јоаникиј Девички. Србин од Зета. Како момче, опфатен со љубовта Христова, го оставил својот дом и своите домашни, и се оддалечил во пределот на Ибар, во сливот на Црна Река, во тесна пештера, во која, според преданието, пред него се подвизувал св. Петар Коришки. Но кога неговата слава почнала да се разгласува меѓу луѓето, тој одбегнал во Дреница и се скрил во девичката густа шума. Години поминал св. Јоаникиј во самотија, во молчание и во молитва. Според преданието, српскиот кнез Ѓураѓ Бранковиќ му ја довел својата полудена ќерка, која светителот ја исцелил. Од благодарност Ѓураѓ подигнал манастир на тоа место, познат и денес под името „Девич". Тука почиваат светите и чудотворни мошти на св. Јоаникиј. Во тој манастир се подвизувала, скоро до наши денови, една прочуена и богоугодна испосница, монахињата Ефимија, подобро позната во косовскиот крај под името „Блажена Стојна". Таа се упокоила во Господа во 1895 година.

3. Св. Стефан еп. Пермски. Русин по потекло; од мал оддаден на молитва и богомислие. Како момче отишол во Ростов, каде што во манастирот на св. Григориј Богослов се замонашил. Дознавајќи за пермската земја, целата зараснатa во кокол на незнабоштвото, Стефан посакал да биде мисионер во таа земја. Веднаш се предал на изучување на пермскиот јазик, а кога го совладал јазикот, составил азбука и ги превел црковните книги на тој јазик. Со благослов на митрополитот Московски, тој, како презвитер, се упатил на својата апостолска работа и со апостолска ревност почнал да го проповеда ***Евангелието*** во густата темнина на пермското незнабоштво. Крштавајќи неколку души, тој се потру-

дил во Перма да изгради храм на св. Благовештение. А кога црквата Божја во Перма се умножила, тој бил посветен за епископ. Поднесувајќи го секој труд, мака, злоба и понижување, тој успеал да ја растера темнината меѓу пермските незнабожци и да ги осветли со Христовата светлина. Во староста отишол уште еднаш во Москва, но таму и го завршил својот земен живот и се преселил кон Господа во 1396 година.

РАСУДУВАЊЕ

Светителите се живи и нивната моќ од Бога дадена не слабее со времето. Св. Јоаникиј Девички и денес прави чуда како и за време на животот свој на земјата, пред 500 години. Некој Милош од Херцеговина се подготвувал да оди во Ерусалим на поклонение на светителите. И токму кога мислел да тргне на пат, му се јавил св. Јоаникиј во сон и му рекол да не оди во Ерусалим. „Подобро ти е, му објаснил светителот, да појдеш во Девич, и таму мојата црква да ја исчистиш и да ја уредиш, отколку да одиш во Ерусалим". Милош послушал и дошол во запуштениот Девич, го исчистил и го уредил и направил повторно да пропее. Овде Милош се замонашил и останал до крајот на животот. За време на Првата светска војна и австриската окупација, во Девич дошол еден офицер, Унгар, со еден одред војска. Го довел игуменот Дамаскин пред гробницата пред кивотот на св. Јоаникиј, и го прашал што има под плочата? „Светиња", одговорил игуменот. „Каква светиња?" – се насмеал офицерот. „Тука има некои скриени работи". И им наредил на војниците со казми и копачи да ја искршат и да ја тргнат плочата. Но, додека тоа се правело, на офицерот му се слошило. Тој легнал на постела, и пред да се стемни, истиот тој ден, умрел. Уплашените војници ја оставиле започнатата работа и манастирот и побегнале.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснатиот Господ Исус, и тоа:

1. како Неговото воскресение е голема светлина што ја разгонувам темнината на нашето сомневање, незнаење и очајување во однос на животот по смртта;

2. како Неговото воскресение е голема светлина што го осветлува патот по кој треба да врвиме во својот живот за да стасаме до оној, вториот живот.

БЕСЕДА
за Христа како потврда на сè што е добро

Зашто Синот Божји, Исус Христос, Кого Го проповедавме меѓу вас јас и Силуан и Тимотеј, не беше „да" и „не", туку во Него беше „да" (II Кор. 1:19).

Христос не е светлина и темнина, туку само светлина. Христос не е вистина и лага, туку само вистина. Ниту е Он моќ и немоќ – Он е само моќ. Ниту е Он љубов и омраза – Он е само љубов. Он е „да" за секое добро и во Него нема колебање помеѓу „да" и „не". Неговата наука е целата чиста, вистинска, светла, човекољубива. Неговиот пат е точно пробиен и Он не дозволува навалување ни налево ни надесно. Ни сенката од гревот не може да застане на науката Христова, ниту може да најде место на Неговиот пат. Неговата личност е воплотување на доброто, е сè што е добро во Него, а сè што е грев, лага, злоба или неправда е надвор од Него.

Таква наука, таков пат и таква личност проповедале апостолите Божји – наука што означува потврда на доброто и откривање на мегданот на доброто; патот што води кон остварување и вечна наслада на тоа добро; личност што во Себе го содржи сето добро и сета потврда на доброто.

Да се придржуваме, браќа, и ние кон таа единствена Личност, кон тој единствен пат и кон таа единствена наука.

Сесилен Господи, помогни ни со силата на Твојот Свет Дух и нашиот мал живот на земјата да биде потврда на доброто и да не се одречеме од доброто. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

27 АПРИЛ

1. Св. ап. Симеон. Еден од седумдесетте апостоли. Бил син на Клеопа, а Клеопа, пак, бил брат на Јосиф старателот на Пресветата Богородица. Видувајќи ги чудата на нашиот Господ и Спасител Исус Христос, Симеон поверувал и бил вброен во седумдесетте апостоли. Со голема ревност и храброст тој го проповедал ***Евангелието*** Христово насекаде по Јудеја. А кога злобните Евреи го убиле Јакова, братот Господов и првиот епископ на црквата Ерусалимска, туркајќи го од голема височина и удирајќи го со стап по главата, тогаш овој Симеон, роднина на Јаков, бил поставен за епископ во Ерусалим. И тој, како втор епископ во светиот град, управувал со црквата Божја со мудрост и сила сè до длабока старост. Имал повеќе од 100 години кога пострадал. А неговото страдање било вака: во времето на царот Трајан било подигнато двојно гонење во Палестина на потомците Давидови и на христијаните. Злобните луѓе го обвиниле Симеона и за едното и за другото. Свети Симеон претрпеле големи маки и најпосле бил распнат на крст, како и неговиот Господ на Кого верно Му служел на земјата.

2. Преп. Стефан еп. Владимирски. Ученик на св. Теодосиј Печерски. Стефан некое време бил игумен на Печерската лавра и се потрудил мошне околу благовидното устројување на монашкиот живот и околу украсувањето на храмовите. Но непријателот разгорел злоба кај монасите против него, та не само што го исфрлиле од игуменството, туку и го протерале од манастирот. Но Бог, Кој не го остава праведникот долго под понижување од неправедник, го управил животот на преподобниот Стефан така што тој бил избран за епископ Владимирски. Како архијереј Божји, Стефан управувал со Црквата до својата старост и мирно се упокоил во Господа во 1094 година.

3. Запалување на моштите на св. Сава архиеп. Српски. Телото на св. Сава било погребано во Милешево. Во времето на турската тиранија српскиот народ се собирал над моштите на својот светител да бара утеха и лек. Плашејќи се од тоа место да не се крене бунт против Турците, Синан–паша Белградски, наредил моштите на св. Сава да се пренесат во Белград и таму биле запалени, на Врачар, на 27 април 1594 година. Но, со запалувањето на моштите на светителот, побеснетиот паша не го запалил светителот, кој ос-

танал жив пред престолот Божји на небесата и во срцето на својот народ на својата земја.

4. Преп. Јован Исповедник. Игумен на манастирот на Чистите (Катарите). Овој манастир бил построен близу до Никеја во времето на царувањето на Јустин, во VI век. Поради почитувањето на иконите и одбраната на иконопочитувањето, Јован пострадал многу од царот Лав и од Теофил. Го завршил својот живот во прогонство, околу 832 година.

РАСУДУВАЊЕ

Вистинската вера мора да биде гонета во овој свет. Тоа и самиот Спасител јасно и јавно им го кажал на Своите апостоли. А св. Аполинариј Ераполски, пишувајќи против еретиците – монтанисти, вели: „Нека ни кажат пред Бога, кој од сите нивни пророци, почнувајќи од Монтана и неговите жени, бил гонет од Јудејците и убиен од нечестивите? Никој. Кој од нив бил земен во името Христово и бил распнат на крст? Пак, никој. Дали некоја од жените било кога била камшикувана или каменувана во јудејските синагоги? Никоја, никогаш". Православниот светител со ова сака да каже дека вистинската вера мора да биде гонета во овој свет. Ересите, обично, се поблизу до светскиот и ѓаволскиот дух, затоа светот и ѓаволот не ги гонат своите. Да биде постојано гонета – со кратки прекинувања – тоа е одлика на верата и црквата православна. Тоа гонење било низ сета историја или однадвор или однатре, однадвор од иноверците, од однатре од еретиците.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам воскреснатиот Господ Исус, и тоа:

1. како заповеда да се проповеда покајание во Негово име и опростување на гревовите;

2. како им заповеда на учениците та го чекаат ветувањето на Отецот, силата од височината од Светиот Дух.

БЕСЕДА
за гонењето на побожните

Па и сите што сакаат да живеат побожно во Христа Исуса ќе бидат гонети (II Тим. 3:12; Д.ап. 14:22).

Господ Исус ова го прорекол и со Свој пример го докажал. И апостолите ова го прорекле и со свој пример го докажале. И сите богоносни отци на Црквата, исповедниците и мачениците ова го рекле и со свој пример го докажале. Треба ли тогаш да се сомневаме дека низ тесна врата се влегува во Царството Божјо? Треба ли и за момент да размислуваме дека е потребно низ многу неволји да поминеме за да влеземе во Царството Божјо? Не, овде веќе нема никаква основа ниту оправдување за сомневањето. Може ли овцата да живее помеѓу волците и да не биде од нив напаѓана? Може ли свеќата да гори меѓу вкрстени ветрови, а да не биде виткана ваму–таму? Може ли благородна овошка да расте покрај патот, а да не ѝ пречат тие што минуваат покрај неа? Така ни Црквата на побожните души не може да не биде гонета, и тоа: од незнабожците, од идолопоклониците, од еретиците, од отстапниците, од страстите и пороците, од гревот и беззакониeто, од светот и ѓаволот. Исто така, ниту една побожна душа не може да остане без гонење, било надворешно, било внатрешно сè додека не се раздели од телото и од светот. Може некој и да се противи на тоа и да докажува на друг начин според својата пресметка и според својата логика. Но овде не помага ни разумот, ни логиката на еден човек: илјадници распнати говорат подруго и илјадници исечени и докажуваат подруго, и илјадници потопени сведочат подруго. О браќа мои, христијанската вера е силна не само кога се сложува со чувствениот разум и чувствената логика, туку и кога се противи на чувствениот разум и на чувствената логика.

Тие кои сакаат побожно да живеат, ќе бидат гонети. Тоа го прорекува апостолот во почетокот на христијанските векови, а дваесет христијански векови даваат моногласно ехо што ја потврдува вистинитоста на пророштвото.

О воскреснат Господи, дај ни светлина за да бидеме побожни до крај и дај ни сила за да го издржиме гонењето до крај. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

28 АПРИЛ

1. Св. апостоли Јасон и Сосипатар, и девицата Керкира. Првите двајца биле од седумдесетте апостоли, а последнава била ќерка на некој цар од островот Крф. Јасона и Сосипатра ги споменува св. ап. Павле (Рим. 16:21) и ги нарекува свои роднини. Св. Јасон бил родум од Тарс, како и самиот апостол Павле, а Сосипатар од Ахаја. Првиот бил поставен од апостолот Павле за епископ Тарсиски, а вториот за епископ Икониски. Патувајќи и проповедајќи го *Евангелието*, овие двајца апостоли пристигнале на островот Крф каде што успеале да изградат црква во името на св. првомаченик Стефан и да придобијат некои незнабожци за Црквата. Царот на тој остров ги фрлил во самица, во која биле затворени 7 разбојници: Сагорниј, Јакисхол, Фаустијан, Јануариј, Марсалиј, Ефрасиј и Мамиј. Овие седуммина апостолите ги превеле во верата Христова и од волци ги направиле јагниња. Слушнувајќи за тоа, царот наредил тие седуммина да се убијат со смрт во врела смола. И така, тие примиле маченички венец. Кога потоа царот ги тормозел апостолите, неговата ќерка, девицата Керкира, ги гледала од прозорецот маките на тие Божји луѓе, па дознавајќи поради што ги мачат, и самата се прогласила за христијанка и им ги раздала сите свои накити на сиромасите. Царот се разгневил на својата ќерка, и ја затворил во посебна самица, па бидејќи не успеал со тоа да ја одврати од Христа, наредил та ја запалиле самицата. Самицата изгорела, но девицата останала жива. Гледајќи го тоа чудо, многу народ се покрстил. Разлутениот цар тогаш наредил ќерка му да ја приврзат за дрво и со стрели ја убиле. Оние што поверувале во Христа, избегале од страшниот цар на блискиот остров и се скриле. Царот тргнал со лаѓа да ги фаќа, но лаѓата потонала во морето и така нечестивиот цар загинал како некогаш фараонот. Новиот цар ја примил верата Христова, се крстил и го добил името Севастијан. Јасон и Сосипатар слободно го проповедале ***Евангелието*** и ја утврдувале Црквата Божја на Крф до длабока старост. Тука и го завршиле својот земен живот и се преселиле во дворовите Господови.

2. Св. мч-ци Максим, Дада и Квинтилијан. Пострадале во времето на Диоклецијан. Биле судени и мачени

од војводата Тарквиниј. После самувањето и мачењето, биле исечени со меч.

3. Св. мч. Тибал. Словен од Панонија. Во времето на Диоклецијан бил страшно мачен за верата Христова и пострадал во местото Цибал.

РАСУДУВАЊЕ

Тајната на нашето спасение се заклучува во појавувањето на Бога меѓу луѓето во човечко тело. Свети Мелитон Сардиски пишува: „Делата Христови по крштавањето покажале и му докажале на светот дека во Неговото тело е скриено божество. Бидејќи Бог, Он бил и совршен човек, Он ни јавил две Свои природи: божествена, со чудата направени во три години по крштавањето, и човечка, во оние триесет години кога телесната немоќ ги криела знаците на божеството, иако Он бил вистински предвечен Бог". Начинот на соединувањето на божествената со човечката природа е тешко разбирлив, но случајот на појавата на Бога како човек меѓу луѓето е совршено разбирлив од поимот за љубовта Божја кон луѓето. Ни светот како случување не е повеќе разбирлив. Може да се каже дека е дури и помалку разбирлив отколку случајот над случаите: овоплотувањето на Бога.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за вознесението на Господа Исуса, и тоа:

1. како Он ги изведува Своите ученици на гората кон Витанија;
2. како Он со воздигнати раце ги благословува учениците.

БЕСЕДА
за барање на лицето Господово

И јас Го барам лицето Твое, Господи! – Нека засвети лицето Твое над слугата Твој (Пс. 26:9; 30:16).

Царот Давид го барал тоа што простите рибари го добиле без барање. Царот се превиткувал во мракот чезнејќи да ја види светлината на лицето Господово што им се покажала на простите рибари во целата Своја светлина. Царот Давид припаѓа на времето на чекање, а учениците на времето на исполнување. Таму било само навестување на доаѓањето Господово, а овде е доаѓањето. Таму е сомнежот и чезнењето за лицето Господово, а овде е сјајот и убавината на самото тоа лице. Светло било лицето Господово и пред воскресението, а колку, пак, посветло по воскресението! Неугасливиот пламен на Божеството се криел зад иконата на телото Негово и светел преку таа телесна икона. И учениците Го гледале плашливо и од срце се радувале. Четириесет дена го гледале Неговото прославено тело и се радувале од срце!

О браќа мои, да го побараме и ние светлото лице на Господа за да ја осетиме насладата со која се опиваат небесните ангели. Ако Го бараме со чезнење во овој живот, ќе Го видиме барем во оној; но ако не Го бараме во овој живот, нема да Го видиме ни на овој ни на оној. Да чезнеме, браќа, по лицето Христово! Секој Негов збор ни покажува една црта од Неговото лице. Секој негов светител ни покажува по некој зрак од светлото Негово лице! Со чезнење, браќа, да Го испитуваме лицето Господово. Да составуваме зрак со зрак додека не се покаже целото Сонце. Да го вгнездиме тоа Сонце во длабочината на срцето свое и однатре да ги осветли нашите телесни дворови. Тоа неискажано слатко Лозје да Го всадиме во своето срце за да Го вкусиме она бесмртно питие со кое ангелите се опиваат.

О Господи, светлоносен, покажи ни Го Твоето светло лице на Твоите слуги. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

29 АПРИЛ

1. Св. Василиј Острошки. Родум е од селото Попово во Херцеговина, од родители прости, но благочестиви. Од малечок бил исполнет со љубов кон Црквата Божја, а кога пораснал отишол во Требинскиот манастир на Успението Богородично и примил монашки чин. Како монах набрзо се прочул поради својот изобилен и редок подвижнички живот, оти на себе налагал подвиг врз подвиг, сè потежок од тешкиот. Подоцна бил избран и посветен за епископ Захумски и Скендериски, иако не по своја волја. Како архијереј прво живеел во манастирот „Тврдош“ и оттаму, како добар пастир, го утврдувал своето стадо во православната вера, чувајќи го од свирепото лукавство на Турците и латините. А кога бил и повеќе притеснет од непријателите и кога „Тврдош“ бил разоран од Турците, св. Василиј се преселил во Острог, каде што тврдо се подвизувал, оградувајќи го своето стадо со своите непрестајни и топли молитви. (Нова црква, врз урнатините на стариот „Тврдош“, подигнал во нашите денови Никола Руњевац, од селото Полица крај Требиње – прекрасна задужбина за себе пред Бога и пред својот род). Се претставил мирно пред Господа, во XVI век, оставајќи ги своите мошти цели и целебни, неизгниени и чудотворни до ден–денешен. Чудата на гробот на св. Василиј се безбројни. При неговите мошти притекнуваат и христијаните и муслиманите, и наоѓаат исцеление во своите најтешки болести и маки. Голем народен собор во Острог се прави секоја година за празникот на Св. Троица.

2. Св. девет маченици во Кизик. Овие девет храбри маченици, со љубовта Христова загреани, не сакале да им принесат жртви на идолите, ниту да се одречат од Христа Господа, поради што биле остро мачени и најпосле со меч исечени. Во времето на царот Константин се изградил нов храм во Кизик во чест на овие свети маченици, каде што нивните неизгниени мошти биле положени. Безбројни исцеленија се случиле над нивните мошти. Нивните имиња се: Теогониј, Руф, Антипатер, Теостих, Артем, Магн, Теодот, Тамвасиј и Филион. Сите тие презреле сè што е времено заради вечното и гнилежното заради негнилежното. Затоа Господ ги вовел во Своите вечни обители и ги овенчал со венци на неминливата слава. Чесно пострадале и се прославиле во III век.

3. Преп. Мемнон чудотворец. Од младоста Мемнон им се предал на постот и молитвата, и толку себе се исчистил што постанал обиталиште на Светиот Дух. Исцелувал неизлечиви болни и правел многу други чуда. Тој се јавувал на морските бури и ги спасувал бродовите од пропаст. Се упокоил мирно во Господа во II век и се преселил во небесните дворови Господови.

РАСУДУВАЊЕ

Ништо не може да се скрие од Сезнајниот Бог. Нему, секој час, Му е познато сѐ што се прави во светот, како во надворешниот свет, така и во внатрешниот, духовниот. Ниедна намера, ниедна желба, ниедна своја помисла човекот не може да ја скрие од Бога. Како да се скрие од Бога она што не може ни од луѓето да се скрие, од светите луѓе! Царот Иван Грозни еден ден дошол да се моли на Бога. Во храмот стоел на молитва и Василиј Блажен, јуродив. Царот навистина со телото бил во храмот, а со умот бил на Врапчешкиот Рид, недалеку од Москва, на кој започнал да ѕида дворец. И преку целото богослужение царот мислел како да продолжи и да го заврши својот дворец на тоа ритче. По службата, царот го видел Василија и го прашал каде бил. „В црква“, одговорил Василиј, а веднаш тој го прашал царот: „А каде беше ти, цару?“ „И јас бев в црква“, одговорил царот. На тоа видовитиот светител му рекол: „Не ја кажуваш вистината, Иванушка, бидејќи јас те гледав како со мислите шеташ по Врапчешкиот Рид и го ѕидаш дворецот“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за вознесението на Господа Исуса, и тоа:

1. како Господ, благословувајќи ги Своите ученици, се подигнува од земјата и се вознесува на небото;
2. како учениците гледаат по Него како се вознесува додека облакот не Го скрие од нивните очи.

БЕСЕДА
за неизмерната Христова љубов

И да ја узнаеѿе Христова- ѿа љубов, шѿо ѓо надминува секое знаење... (Еф. 3:19)

Христовата љубов го надминува секое знаење! Не од Божјиот разум, туку од човечкиот разум, помрачен и озлобен од гревот. Бидејќи Божјиот разму е рамен на Божјата љубов и ниедно не е поголемо од другото. Но човечкиот разум, оддалечен од Бога, не ја разбира никако Божјата љубов пројавена преку Господа Исуса Христа. Бог ги разбира луѓето, но луѓето не Го разбираат Бога. Бог се обидувал со разум да ги вразуми луѓето преку природата и преку старото *Оѿкровение*, преку законот и пророците, но луѓето не дозволиле да се вразумат. Тогаш Бог се обидел со љубов да ги совлада луѓето и со љубов да ги привлече кон Себе. Оттука е овоплотувањето на Синот Божји, Неговото жртвување и Неговото страдање од смртта. Таква неизмерна љубов Божја над знаењето и разумот многумина запленила и ги повратила кон Бога, т.е. ги вразумила, им дала нов разум, чист и светол, но многумина повторно ги збунила, бидејќи не се сложувала со нивниот помрачен и озлобен разум.

И да ја узнаете, вели апостолот. Како, браќа, ќе го узнаеме она што е над знаењето и над разумот? На никој друг начин, освен со промена на разумот, со пробудување и разбистрување на разумот, со просветување и со возвишување на разумот, со очистување и обожување на разумот, со еден збор – стекнување на нов разум што би ја имал таа способност да ја разбере Христовата љубов, поголема од сегашниот грешен човечки разум.

О длабочино на мудроста и разумот Божји! Кој барем и малку ќе Ти се приближи, тој ќе осети дека Ти си истовремено и длабочина на љубовта Божја!

О Господи, вознесен на небото, просветли го нашиот разум со Твојот разум, та полесно да ја усвоиме неизмислената Твоја љубов кон луѓето и да заплачеме. Да заплачеме од тага заради нашето закоравено срце и да заплачеме од радост заради Твојата љубов кон нас, мрачните и злобните. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

30 АПРИЛ

1. Св. ап. Јаков. Син Заведеев и брат Јованов, еден од дванаесетмината. На повикот на Господа Исуса ги оставил рибарските мрежи и својот татко, па заедно со Јован тргнал по Господа. Припаѓал во оние тројца апостоли на кои Господ им ги откривал најголемите тајни, пред кои се преобразил на Тавор и пред кои тагувал пред Своето страдање во Гетсиманската Градина. По примањето на Светиот Дух, го проповедал ***Евангелието*** на разни страни, одел и до Шпанија. По враќањето од Шпанија, Евреите почнале со него да се препираат за ***Светото писмо***, па не можејќи никако да му одолеат, најмиле некој маѓесник Хермоген. Но и Хермоген, и Филип, неговиот ученик, биле победени со силата на Вистината, која Јаков ја проповедал и обајцата се крстиле. Тогаш Евреите го обвиниле кај Ирода и го наговориле некој Јосија да го клевети апостолот. Овој, Јосија, видувајќи го мажественото држење на Јаков и слушнувајќи ја неговата јасна проповед за Вистината, се покајал и поверувал во Христа. Но кога Јаков бил осуден на смрт, тогаш Јосија, исто така, бил осуден на смрт. Одејќи на губилиштето, Јосија го молел Јакова да му го опрости гревот за клеветата. А Јаков го гушнал и целивал и му рекол: „Мир на тебе и прошка!" И обајцата ги приклониле главите под мечот и биле исечени за Господа, Кого тие Го љубеле и на Кого Му служеле. Св. Јаков пострадал во 45. година во Ерусалим. Телото негово било однесено во Шпанија, каде што на неговиот гроб и до денес се случуваат чудни исцеленија.

2. Св. Донат. Епископ во Еврија албанска. Бил надарен од Бога со голема благодат на чудотворство, та правел многу чуда од корист за луѓето. Така, претворил горка вода во слатка; пуштил дожд во сушно време; царската ќерка ја исцелил од лудило; воскреснал мртовец. Овој мртовец му го исплатил долгот на некој заемодавец. Но несовесниот заемодавец сакал по втор пат да го наплати долгот, па, користејќи се со смртта на својот должник, дошол кај неговата вдовица и барал веднаш да му го исплати долгот. Вдовицата плачела и му се пожалила на епископот. Св. Донат го опоменал заемодавецот да почека додека човекот го погребат, па тогаш ќе се разговара за долгот. Но заемодавецот луто настојувал на своето. Тогаш св. Донат му пришол на мртовецот, го дофатил и викнал: „Стани, брате, и види што имаш

со својот заемодавец!“ Тогаш мртовецот се исправил и со грозен поглед погледнал на својот заемодавец и му кажал кога и каде му го платил долгот. И уште тој му ја побарал на заемодавецот својата писмена обврска. Исплашениот заемодавец му ја дал хартијата, која оживеаниот мртовец ја искинал, па повторно легнал и се упокоил. Св. Донат мирно завршил во длабока старост и отишол при Господа во 387 година. Неговите мошти и сега почиваат на корист на верните во Еврија во Албанија.

3. Св. мч-ца Аргира. Оваа нова маченица родум била од Бруса, родена од благочестиви родители. Само што се омажила за еден христијанин, во неа се загледал некој Турчин од соседството и ја повикувал на соживот со него. Христољубивата Аргира ги одбивала таквите валкани предлози на Турчинот. Но овој се разбеснил и ја обвинил на судот дека сакала да го прими исламот, па потоа се откажала. Од судија до судија, од самица до самица, света Аргира поминала полни 15 години страдајќи за Христа, затоа што Го љубела Христа над сè во светот. Најпосле завршила во самица во Цариград во 1725 година.

РАСУДУВАЊЕ

Некој благочестив старец легнал на смртна постела. Неговите пријатели се собрале околу него и плачеле по него. Тогаш старецот трипати се засмеал. Иноците го запрашале зошто се смее. Старецот одговорил: „Првиот пат се засмеав бидејќи вие се плашите од смртта; вториот пат – бидејќи не сте подготвени за смрт; третиот пат, бидејќи си одам од труд во покој“. Гледате ли како умира праведникот? Тој не се плаши од смртта; тој е подготвен за смртта и тој гледа дека преку смртта заминува од тешкиот живот во вечен покој. Кога човековата природа ќе се замисли во првобитната рајска состојба, тогаш смртта е неприродна, исто како што е неприроден и гревот. Од гревот и произлегла смртта. Покаениот и од гревот исчистен човек не ја смета смртта како уништување, туку како врата за бесмртен живот. И ако било кога праведниците Го молеле Бога за продолжување на земниот живот, тоа не било ниту заради љубов кон овој живот, ниту заради смртниот страв, туку единствено за да добијат повеќе време за покајание и очистување од гревот, та безгрешни и почисти да излезат пред Бога.

И ако некогаш покажувале страв пред смртта, тоа не било страв од смртта, туку од Судот Божји. Каков ли страв тогаш би морале да имаат непокајаните грешници?

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за вознесението на Господа Исуса, и тоа:

1. како целата привлечна земјина сила не можела да го задржи телото на Господа од вознесение;
2. како со Своето вознесение Господ се покажа повозвишен од законите на природата.

БЕСЕДА
за Христовото осветлување

Стани ти што спиеш, воскресни од мртвите и Христос ќе те осветли (Еф. 5:14).

Свети апостол Павле, слично на сите други апостоли и христијански светители, сè што ги учи другите, ги учи според своето сопствено искуство, бидејќи Христовата вера е искуство, опит а не е теорија и човечко мудрување. И Павле лежел како духовно успиен и со духот бил мртов сè додека се противел на христијанската вера. Но тој се пробудил и станал, и со духот воскреснал и бил осветлен од Христа. Тој се знае себеси од времето кога со духот спиел, па потоа од времето кога се разбудил, па кога станал, па кога со Духот воскреснал, па кога бил осветлен од Христа. Тоа што го знае за себе како христијанин, тој тоа им го советува и на другите. Како апостол, тој се гледа себеси во голема светлина и верува дека и сите луѓе, ако сакаат, можат да бидат така светли како него. Светлината не е негова, туку Христова; негова е само љубовта кон таа светлина.

Осветлувањето Христово му е потребно на човекот и на почетокот и на крајот. Бидејќи без Христовото осветлување човекот не може да се разбуди, ниту да стане, ниту да воскресне од мртвите, како што потоа не може сам со себе да живее во верата, ниту да умре во надежта. Христос е потребен и на почетокот и на крајот. Како што на дете кое се

дави му е потребна родителската рака за да го извади од водата и потоа да го води по сувата земја, вардејќи го повторно да не се потопи, така и Христос Господ е потребен на удавените во водите на гревот. И самиот апостол добил осветлување Христово на почетокот, на патот за Дамаск, па повторно го добил потоа. Првото осветлување е обраќање кон Христа, а второто е утврдување во Христа. Првото осветлување сите ние го добиваме преку крштавањето, а повторното преку верата и исполнувањето на заповедите Господови. Сите тие, пак, кои немаат осветлување Христово, или го имале па го изгубиле, се како успиени, како мртви.

О благ Господи, разбуди нè, подигни нè, воскресни нè, бидејќи ништо од тоа не можеме да го направиме без Тебе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

1 МАЈ

1. Св. Пророк Јеремија. Роден е 600 години пред Христа во селото Анатота, недалеку од Ерусалим. Почнал да пророкува во својата 15. година, во времето на царот Јосија. Му пророкувал покајание на царот, на големците, на лажните пророци и на свештеници; и во времето на тој цар, Јосија, одвај го спасил својот живот од убиствената рака на огорчените големци. На царот Јоаким му прорекол дека неговиот погреб ќе биде како погреб на магаре, т.е. ќе биде исфрлен мртов надвор од Ерусалим и телото долго ќе му се влече по земјата без погреб. Поради тоа Јеремија бил фрлен во самица. Не можејќи да пишува во самицата, Јеремија го повикал Варуха, кој застанал крај прозорчето од самицата, а тој му диктирал. Кога на царот му било прочитано ова пророштво, гневниот цар ја дофатил хартијата и ја фрлил во оган. Промислата Божја го спасила Јеремија од самицата, а врз Јоаким се исполнило словото пророчко. На царот Јехонија му прорекол дека ќе биде одведен во Вавилон со целото свое семејство и дека таму ќе умре, што наскоро и се случило. Под царот Седекија, Јеремија си ставил јарем на вратот и шетал низ Ерусалим пророкувајќи го падот на Ерусалим и ропството под јаремот на Вавилонците. Им пишувал на еврејските робови во Вавилон да се надеваат на враќање во Ерусалим бидејќи ќе останат во Вавилон 70 години, што и се случило. Во долината Тотеф, под Ерусалим, каде што Евреите им ги принесувале децата на жртва на идолите, Јеремија зел големо тенџере во рацете и го скршил пред народот, пророкувајќи го скорото сокрушение на Јудејското царство. Наскоро Вавилонците го зазеле Ерусалим, царот Седекија го убиле, градот го ограбиле и го разориле, а огромен број Евреи исекле во долината Тотеф на местото каде што децата биле клани на жртва на идолите и каде што пророкот го скршил големото тенџере. Јеремија со левитите го зел ковотот од храмот и го однесол на ридот Нават, каде што Мојсеј умрел и тука го скрил во една пештера. Огнот од храмот,

пак, го скрил во еден длабок бунар. Бил приморан од некои Евреи да оди со нив во Египет, каде што поживеал 4 години и тогаш од своите сонародници бил убиен со камења. На Египќаните им го прорекол сокрушението на нивните идоли и доаѓањето во Египет на Св. Дева со Младенецот. Постои предание дека самиот цар Александар Велики – Македонски го посетил гробот на пророкот Јеремија. По наредба на царот Александар, телото на Јеремија е пренесено и погребано во Александрија.

Египќаните, без малку, го обожувале св. Јеремија. Затоа го погребале како крал. Го сметале за чудотворец и по неговата смрт. Правот од неговиот гроб го земале како лек против гризнување од змија. И ден–денес христијаните го повикуваат пророкот Јеремија во молитвите против змии.

2. Преп. мч. Акакиј Пандувчар. Од селото Неохора до Солун. Бидејќи бил многу тепан од својот мајстор во Серез, тој се потурчил. Потоа како покајник и монах живеел во Хилендар. Неговата сиромашна, но христољубива мајка, му посоветувала: „Како што доброволно се одрече од Господа така сега мораш доброволно и храбро да примиш маченишство за Слаткиот Исус“. Синот ја послушал својата мајка и, со благослов на светогорските отци, отишол во Цариград, каде што бил исечен од Турците на 1 мај 1816 година. Главата му се чува во манастирот „Св. Пантелејмон“ на Света Гора.

3. Преп. Пафнутиј Боровски. Син е на татарски големец, кој подоцна ја примил христијанската вера. Во својата 20. година св. Пафнутиј се замонашил и проживеал во манастир до својата 94. година, кога се упокоил во Господа. Бил девственик и подвижник, поради што и голем чудотворец и прозирливец. Завршил во 1478 година.

РАСУДУВАЊЕ

Преп. Пафнутиј Боровски им говорел на своите ученици дека човечката душа и нејзините скриени дела можат да се познаат по погледот на очите. На учениците тоа им из-

гледало неверојатно сè додека овој Божји човек тоа не го потврдил, и тоа повеќепати. Проѕирајќи во туѓа судбина, Пафнутиј проѕрел и во својата. Една недела, уште додека бил здрав, тој прорекол дека наредниот четврток ќе се раздели од овој свет. А кога тој четврток осамнал, тој радосно извикнал: „Еве го денот Господов, веселете се луѓе, еве дојде очекуваниот ден!“

Ете така ја дочекува смртта човек кој цел век мислел на разделбата со овој свет и за средбата со Бога.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за вознесението на Господа Исуса, и тоа:

1. како два ангела им се јавуваат на учениците додека тие уште гледаат по вознесението на Господа;

2. како објавуваат ангелите дека Господ ќе дојде онака како што Го виделе учениците кога одел на небото.

БЕСЕДА
за силата на словото Господово

Зар не е Моето слово како оган, вели Господ, и не е ли како чекан што крши карпа (Јез. 23:29).

Да, Господи, Твоето слово е навистина како оган што го стоплува праведникот, а го гори неправедникот. И Твоето слово е навистина како чекан што ја омекнува камената тврдина на срцето на покајникот, а ги крши во прав срцата на непокајаните грешници.

Зар не гореа срцата наши кога ни зборуваше по патот (Лк. 24:32)? – се прашуваа апостолите по разговорот со воскреснатиот Господ. Кога срцето кај човекот е право, тоа гори од словото Господово и се топи од милина и се шири од

љубов. А кога срцето кај човекот е неправедно и скаменето од грев, тогаш тоа изгорува од словото Господово и уште повеќе се скаменува. И се скамени срцето на Фараонот.

Залудно грешниците се утврдуваат во своите тврдини од камен, во своите тврдини од железо, во своите тврдини од сребро и злато и го отфрлаат оклопот на Божјата правда. Како силен и неодолив чекан какво што е словото Господово кога Он ќе ја искаже осудата на тие камени утврдувања во кои грешниците се утврдуваат (ќе ги стаса казната Негова).

Залудно неверникот го утврдува својот дом со тврд камен и државникот државата со скаменета земна мудрост, не надевајќи се на живиот Бог. Словото Господово паѓа како чекан на сѐ што е ѕоѕидано без Бога или против Бога, како силен и неодолив чекан.

О браќа, да не се надеваме на своите творенија од камен, ниту од мермерен, ниту од златен, ниту од сребрен камен, ниту од безбожен камен на своите сопствени мисли. Сето тоа е послабо пред силата Божја отколку правот пред силата на ветрот.

О Господи, сесилен, помогни ни да го примиме Твоето слово и на него да го ѕидаме својот живот и во овој и на оној свет. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

2 МАЈ

1. Св. мч-ци Еспер, Зоа, Киријак и Теодул. Во времето на царот Адријан (117–138 год.) некој Катал, незнабожец, ги купил како робови Еспера, жена му Зоа и нивните синови Кириак и Теодул. Бидејќи биле убедени христијани, не сакале ништо да пробаат од идолските жртви, туку она што им се давало им го фрлале на кучињата, а самите гладувале и трпеле. Дознавајќи за ова Катал, мошне се разгневил, па почнал тешко да ги тормози овие свои робови. Прво ги мачел децата, но тие останале непоколебливи во верата и, дури повеќе, барале од мачителите потешки маки. Најпосле

сите четворица биле фрлени во огнена печка каде што, после благодатната молитва, Му го предале својот дух на Господа. Нивните тела останале цели и неизгорени од огнот.

2. Св. Атанасиј Велики архиеп. Александриски. Во денешниов ден се празнува преносот на неговите мошти и чудата од истите. А животот и работата на овој голем светител е опишан под 18 јануари.

3. Св. мч-ци Борис и Глеб. Синови на големиот кнез Владимир, покровителот на рускиот народ. До своето крштение, Владимир имал многу жени и од нив деца. Борис и Глеб биле браќа од една мајка. Пред смртта, Владимир ја разделил државата на сите свои синови. Но Свјатополк, неговиот најстар син, кнезот киевски, посакал да ги земе деловите наменети на Бориса и Глеба. Затоа испратил луѓе, та на едно место го убил Бориса, а на друго Глеба. Овие двајца браќа биле необично побожни и во сè богоугодни, и ја сретнале смртта со молитва и воздигнување на своето срце кон Бога. Нивните тела останале нераспадливи и благопријатни, и биле погребани во градот Вишгород, каде што до ден–денешен од нив излегува благодатна сила што ги исцелува луѓето од разни болести и маки.

4. Св. Михаил (Борис) цар Бугарски. Роден и воспитан како незнабожец, Борис се крстил под влијание на својот стрико Бојан и својата сестра. На крштавањето го добил името Михаил. Патријархот Фотиј му испратил свештеници, кои постепено го покрстиле целиот бугарски народ. Многу големци во Бугарија се противеле на новата вера, но таа победила и крстот блеснал на многу храмови што ги подигнал благочестивиот цар Михаил. Верата меѓу Бугарите, како и меѓу Србите, ја утврдиле особено Петточислениците Охридски, учениците на светите Кирил и Методиј, кои науката Христова на народот му ја проповедале на народен, словенски јазик.

Михаил се замонашил во староста и се повлекол в манастир. Но кога неговиот син Владимир почнал да го расипува татковото дело и да го сузбива христијанството, Михаил се облекол повторно во војводска облека, препашал

меч, го симнал Владимира од престолот, па го поставил помладиот син Симеон. Потоа повторно ја облекол монашката риза, се повлекол во тишина каде во подвиг и молитва мирно го завршил земниот живот „во благата вера, во правилното исповедување на нашиот Господ Исус Христос голем, чесен и благоверен“, и се преселил во небесниот живот на 2 мај 906 година.

РАСУДУВАЊЕ

Блажен Максим, заради Христа јуродив, зиме одел по московските улици гол. На советите на луѓето да се облече и да се заштити од зимата, тој одговарал: „Зимата е лута, но Рајот е сладок“. И уште говорел: „За трпението Бог ќе даде спасение“. Кога Господ Христос не се жалел Себе да се предаде на маки и на смрт, зошто ние би се жалеле самите себе заради нас? Тој ни препишал еден рецепт, една диета за нашето духовно оздравување, и тоа Он го нарекол лесен јарем. Многу потежок е јаремот кој самите на себе го наметнуваме, бидејќи тој јарем нѐ поттурнува во сѐ потешка и потешка духовна болест. Земјата од нас бара многу поголема жртва, не ветувајќи ни никаква награда по смртта. Земјата бара да ги жртвуваме, и Бога, и душата, и совеста, и умот, и целото човечко и божествено достоинство и затоа ни го покажува темниот и смрдлив гроб како крај на сѐ и награда за сѐ. Христос бара да ги жртвуваме само земјата, гревот, порокот и секоја лошотија и затоа ни ветува воскресение и бесмртен живот во рајот. Зимата е лута но Рајот е сладок!

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за вознесението на Господа Исуса, и тоа:

1. како Му се поклонија учениците;
2. како се враќаат во Ерусалим со голема радост.

БЕСЕДА
за изворот на жива вода и за сувиот извор

Чудеше се на шоа, небеса... вели Госиод. Зашшо две зла изврши Мојош народ: Мене, изворош на жива вода, Ме осшавија и си ископаа извори издуйчени шшо не можаш да држаш вода (Јерем. 2: 12-13).

Дали ова е речено само за тогаш или и за денес? Јасно, и за денес. Дали ова е речена само за еврејскиот народ или и за нашиот народ? Јасно, и за нашиот народ. Како што е речено: не убивај, не кради, не сведочи лажно, не само за она време туку и за сите времиња, и не само за еврејскиот народ туку и за сите народи, така и ова. И ова важи за денес и засекогаш, за секој народ и за секој човек, за секој кој го врти грбот кон изворот на жива вода во своето двориште и копа бунар за од него да пие дождовница.

Извор на живата вода е самиот Господ, непресушен, преполн, сладок. Бунарот е секоја човечка работа што се извршува спротивно на Бога и на Божјиот закон и од која луѓето очекуваат напредок и среќа и задоволување на својот глад и на жедта. Таков бунар е безбожништвото, среброљубивоста, лакомоста, расипаноста, властољубивоста и суетата, поклонувањето на идолите и гатањето, и сè што го има ѓаволот за советник, гревот за копач, а лажната надеж за водоносец. Чудете се на тоа, небеса, треперете и грозете се, вели Господ! Како се избезуми човекот и почна да ја остава живата вода и да копа бунар во врели јаглени што повеќе му ја разгоруваат жедта!

О браќа, и нашиот народ направи две зла, бидејќи Го заборави Господа како извор на секое добро и бидејќи тргна да си бара добро во злото и преку злото. Може ли да се најде вода во огнот? И пченица во песокот? Не може, не може, браќа. Уште помалку може да се најде мир, и среќа, и задо-

волство, и радост, и живот, и било какво добро во бунарите на гревот и безбожништвото.

О Господи, бесмртен извору на секое добро што човечкото срце може да го посака и што човечкиот ум може да го замисли, смилувај се на нас грешните и недостојните. Одврати нè со Твојата моќна десница од безбожните и залудни наши работи и напој нè со Твојата слатка и жива вода. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

3 МАЈ

1. Св. мч-ци Тимотеј и Мавра. Чудна е судбината на овие прекрасни маченици, младоженец и невеста! На дваесет дена по нивното венчавање биле изведени на суд поради христијанската вера пред тиваидскиот намесник Ариан, во времето на царот Диоклецијан. Тимотеј бил чтец на црквата во своето место. „Кој си ти?“ – го прашал намесникот. Тимотеј му одговорил: „Христијанин сум и чтец на црквата Божја“. Намесникот му рекол: „Зар не ги гледаш околу тебе приготвените орудија за мачење?“ Тимотеј му одговорил: „И ти не ги гледаш ангелите Божји што ме крепат“. Тогаш намесникот наредил со железна шипка ушите да му ги прободат. Од големата болка очните зеници му искокнале. Потоа стрмоглав го обесиле и му ставиле дрво во устата. Мавра прво била уплашена од маките, но кога мажот ѝ ја охрабрил, и таа ја исповедала својата непоколеблива вера пред намесникот. Овој наредил прво сета коса да ѝ ја искубат, а потоа и прстите на раката ѝ ги исекле. По многуте други маки, на кои набргу ќе им подлегнеле да не ги крепеше благодатта Божја, обајцата биле распнати на крст, свртени еден кон друг. И така висејќи на крстот останале живи полни девет дена, советувајќи се и храбрејќи се еден со друг во трпението. Десеттиот ден Му го предале својот дух на Господа, за Кого

претрпеле крсна смрт и така се удостоиле за Царството Небесно. Чесно пострадале за Христа во 286 година[8]).

2. Преп. Теодосиј Киевопечерски. Од најраната младост ја избегнувал смеата и веселието и се предавал на богомислие и на молитва. Поради тоа често бил тепан од мајката, а особено уште кога мајка му го видела железниот појас околу голото тело, од што кошулата му била крвава. Прочитувајќи ги еднаш во ***Еванѓелието*** зборовите на Спасителот: „Кој милува татко или мајка повеќе од Мене, не е достоен за Мене“, тој го напуштил родителскиот дом и побегнал во Киевската пештера кај преподобниот Антониј. Овој го примил и наскоро го замонашил. Кога мајка му го пронашла и почнала да го вика да се врати дома, тој ја посоветувал мајка си и таа да се замонаши во еден женски манастир. Со својот подвиг, кроткоста и добротата, Теодосиј набрзо ги надминал сите монаси и му станал мошне мил на Антониј, кој го поставил за игумен на манастирот. За неговото време братството во манастирот многу се умножило, цркви и ќелии се иззидале и се вовел во потполно Студитскиот устав. Бог го надарил Теодосија со голема благодат поради неговата девствена чистота, преголемиот молитвен труд и љубовта кон ближниот, та овој Божји човек имал голема моќ над нечистите духови, исцелувал болести и прозирал во човечките судбини. Со св. Антониј Теодосиј се смета за основател и уредувач на монаштвото во Русија. Се упокоил мирно во 1074 година. Неговите целебни мошти почиваат покрај моштите на св. Антониј.

РАСУДУВАЊЕ

Ава Јован Колов ги прашал монасите: „Кој го продаде Јосифа?“ Еден од нив одговорил: „Неговите браќа“. Ста-

[8]) *Мавра* значи *црна*. Оттаму во Македонија денот на овие светители се нарекува *Црнин ден* или *Црнден*. – На островот Закинт постои храм на св. Тимотеј и Мавра, кадешто се појавиле многу чудотворни исцеленија.

рецот рекол: „Не браќата, туку неговото смирение. Јосиф можел да објави дека тој им е брат и да се спротивстави на продажбата, но тој тоа го премолчил. Значи, смирението го продало. Но истото тоа смирение подоцна го направило господар на Египет“. Ние прекумерно се браниме од надворешните непријатности предавајќи се на Божјата волја, па затоа и ги губиме добрите плодови што се жнеат на крајот на непријатностите, поднесени со смирение. Ава Пимен мудро говорел: „а го натоваривме тешкиот, т.е. самооправдувањето“. Христијанинот ја прима секоја непријатност како заслужена со сегашните или минатите свои гревови, испитувајќи ја во сѐ волјата Божја со вера и чекајќи го крајот со надеж.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам вознесениот Господ Исус, и тоа:

1. како Он ја започнал својата спасоносна работа на земјата како прост и смирен работник;

2. како ја завршил Својата спасоносна работа со Своето чудно и славно вознесение на небото.

БЕСЕДА
за тоа како ќе се гледаат идолопоклониците

> *Така ќе се посрамат оние...* велејќи му на дрвото: *Ти си мој татко,* и на каменот: *Ти ме роди; зашто тие свртеа кон Мене грб, а не лице; а за време на своето озлобување ќе речат: Стани, и спаси нѐ!* (Јерем. 2:26–27)

Навистина ќе се посрамат сите оние, браќа, кои не гледаат подалеку од дрвото и од каменот и кои во своето безумие говорат: „Човекот е од растенија и од минерали и со него бидува она што бидува со растенијата и минералите“. Свртени со грб кон Создателот, тие и не можат да видат друго, освен созданијата и, заборавајќи го Создателот, тие

ги огласуваат созданијата за Создател. Природата, велат, го создала и го родила човекот; затоа човекот е помал од природата, понизок од природата, слуга во крилото на природата, роб на синџирот на природата, мртовец во гробот на природата. Ќе се посрамат оние кои така говорат кога ќе паднат во неволја и ќе повикаат кон Бога: „Стани и спаси нè!“

Зошто викаат кон Бога: „Стани!“ – како Бог да лежи! Не лежи Бог туку стои, стои и чека да го послужи секој што со вера и смирение бара услуга од Него. Но оние кои се сакале со дрвото и со каменот додека се надевале на својата сила, тие Го обориле и Го исфрлиле од својот живот. Затоа кога ќе ги притисне неволјата, тие Му викаат: „Стани!“

А Господ е кроток, и станува, и оди на помош на секој покајник. Нека вистински се покае грешникот и отфрлувајќи ја својата грешна љубов да се врати на љубовта кон Бога, тогаш Бог ќе му помогне. Нека го сврти својот грб на мртвото дрво и на каменот, а лицето кон живиот Бог и Бог ќе го избави. Бидејќи Семоќниот не е злопамтив и одмаздив. Ниту Он ги создал луѓето за смрт туку за живот.

О браќа, да не бараме помош од немоќните, ниту живот од безживотните. Да се свртиме со лицето кон нашиот жив Создател, кој ни дал посјајно лице од лицето на секоја земна твар. Да се вратиме од западниот настран пат кон источниот пат, бидејќи на овој пат е спасението. Само да побрзаме додека нашиот последен ден на земјата на потонал во мракот на западот.

О Господи вознесен, вознеси го нашиот ум на небото. Исчисти го од темнината и олесни го од земјата, светлоносен наш Создателу. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

4 МАЈ

1. Св. мч-чка Пелагија Тарсанка. Родена е во градот Тарс, од незнабожни родители, но познати и богати.

Кога слушнала од христијаните за Христа и за спасението на душата, таа се разгорела со љубов кон Спасителот и во душата постанала сигурна христијанка. Во тоа време имало страшно гонење на христијаните. Се случило самиот цар Диоклецијан да се запре во Тарс и за време на неговото престојување во тој град неговиот син, принцот, смртно да се заљуби во Пелагија и сакал да ја земе за жена. Пелагија одговорила преку својата злобна мајка, дека таа веќе Му се ветила на својот Небесен Свршеник, на Христа Господа. Бегајќи од скверниот принц и од својата злобна мајка, Пелагија го побарала и го нашла епископот Клинон, човек познат поради својата светост. Тој ја поучил на верата христијанска и ја крстил. Тогаш Пелагија ги раздала своите раскошни фустани и големото богатство, се вратила во домот и ѝ се исповедала на мајка си дека таа е веќе крстена. Царскиот син, пак, слушнувајќи за ова, и изгубувајќи ја секоја надеж дека ќе може да ја добие оваа света девица за жена, се прободел самиот себе со меч и умрел. Тогаш злобната мајка самата ја обвинила кај царот својата ќерка и му ја предала на суд. Царот ѝ се восхитил на убавината на девицата и, заборавајќи го својот син, се распалил со нечиста страст по неа. Но бидејќи Пелагија останала непоколеблива во својата вера, царот ја осудил на изгорување во метален вол, вжарен од оган. Кога мачителите ја разголиле, св. Пелагија се прекрстила со крст и со благодарна молитва кон Бога на своите усни, самата влегла во вжарениот вол, каде во еден миг се растопила како восок. Пострадала чесно во 287 година. До остатокот од нејзините коски дошол епископот Клинон и ги погребал на ридот под еден камен. Во времето на царот Константин Копроним (741–775) на тоа место била изградена прекрасна црква во чест на светата девица и маченица Пелагија, која се жртвувала за Христа за вечно да царува со Христа.

2. Свешт-мч. Силуан еп. Газски. Прво бил во војничка служба, но подоцна гонет од силината на својата вера, поминал во духовна служба. Обвинет дека ги обраќа незнабожците во христијани прво бил многу измачуван, а по-

тоа исечен со 40 други војници, во 311 година, и така сите постанале небесни граѓани.

3. Преп. Никифор. Прво бил римокатолик, па потоа преминал во православието. Се подвизувал како монах во Света Гора со мудриот Теолипт. Учител му бил на славниот Григориј Палама и напишал дело за разумната молитва. Му се претставил мирно на Господа во XIV век. Тој учел: „Собери го умот свој и принуди го да влезе во срцето и таму да остане. Кога твојот ум ќе се утврди во срцето, не треба да стои празен, но непрестајно нека ја твори молитвата: *Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј ме!* И никогаш да не замолкне. Преку тоа во тебе ќе се всели цела низа на доблести: љубовта, радоста, мирот и останатото, поради кои, после тоа, секоја твоја прозба кон Бога ќе биде исполнета“.

РАСУДУВАЊЕ

Младиот и неискусен човек во духовната борба секое свое добро дело го подвлекува со самопофалба. Но искусниот војник среде борбата со страстите и демоните го понижува секое свое дело и ја зајакнува својата молитва за Божја помош. Ава Матој говорел: „Колку човекот повеќе се приближува кон Бога, толку повеќе себе си се гледа како грешен“. И уште говорел: „Кога јас бев млад, мислев, можеби, дека правам некое добро, а сега, кога остарев, гледам дека немам ниедно добро дело“. Зар Самиот Господ не рекол: „Никој не е добар освен единиот Бог“. Значи, ако само единиот Бог е добар и е извор на секоја добрина, како тогаш може да се случи некое добро дело да не е од Бога? И како некој, кој ќе направи добро дело може да си го припише на себе а не на Бога? Па, кога е така, со што тогаш може да се пофали смртниот човек? Со ништо освен со Бога и со добрината Божја.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да Го созерцавам вознесениот Господ Исус, и тоа:

1. како Он со Своето вознесение ја докажува Својата божествена природа и Својата божествена моќ;

2. како Он со своето вознесение на небото им покажува на луѓето дека постои еден подобар, повозвишен свет и живот – свет и живот небесен.

БЕСЕДА
за идолоклонството како прељуба

Јудеја, како и Израилот, ја оскверни земјата и прељуба вршеше и со камен и со дрво (Јерем. 3:9).

Каква е таа прељуба што ја направил Израилот и Јудеја (т.е. израелскиот и јудејскиот народ) со камен и со дрво? Тоа е поклонението на идолите од камен и од дрво. Но пред овој грев, тие направиле еден грев: имено се одвратиле од поклонение кон вистинскиот Бог, живиот и единствен Бог. Зошто нивното идолопоклонство се нарекува прељуба? Затоа што тие биле поврзани во првата љубов за вистинскиот Бог, за живиот и единиот Бог, па потоа таа љубов ја изневериле и со срцето се предале на туѓи идоли од камен и од дрво. Затоа Господ нивното идолопоклонство го нарекува прељуба.

Дали овој Божји укор бил заслужен само во тоа старо време, а не и во нашето, и само од Израилот и Јудеја, а не и од христијаните? За жал, овој Божји укор потполно е заслужен и денес од многу христијани. Кај било кој, ако е заладена љубовта кон вистинскиот Бог, кон живиот и единствениот Бог, а се разгорела ниска љубов кон предметите од камен и дрво, кон трулежни работи и смртни созданија, тој прави прељуба и тој го привлекува Божјиот укор кон себе. Тогаш тој Божји укор е и денес умесен како некогаш, бидејќи то-

гаш грешеле луѓето не познавајќи Го Христа, а сега грешат познавајќи Го Христа.

О браќа, до кога ќе се влече ова темно идолопоклонство по земјата? До кога земјата ќе смрди од човечката прељуба со идолите од камења и од дрва, од сребро и од злато, од тело и од крв? Зар семоќниот Христос не ги сотре сите идоли во прав и во пепел? Зошто сега некои се наведнуваат и од тој прав повторно си прават богови? Заради ѓаволската лага и својата сопствена самоизмама.

О Господи, вознесен на врховното небо, одбрани нè од ѓаволската лага и од нашата сопствена самоизмама. Сочувај нè од срамната прељуба со скрушените идоли, со Твојот Чесен Крст. Помогни ни, Господи, непрестајно да Ти се поклонуваме на Тебе, на вистинскиот Бог, на живиот и единствен Бог. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

5 МАЈ

1. Св. вмч-ка Ирина. Живеела во апостолските времиња на Балканот, во некој град Мегдон, каде што нејзиниот татко Ликиниј бил мал цар. Некои мислат дека била Словенка, родена како незнабожец од родители незнабожци. Пенелопа – така ѝ било незнабожечкото име – се поучила на христијанската вера од нејзиниот учител Апелијан. Св. Тимотеј, ученикот на св. ап. Павле, ја крстил неа и нејзините дворјанки и ѝ ги донесол *Посланијата* на св. ап. Павле за читање. Со одрекувањето да се омажи, таа го разгневила својот татко, кој сакал да ја мачи, но на чуден начин таа го обратила својот татко во христијанството. Уште од четири цареви, освен од нејзиниот татко, била ставена на разни маки, но Бог преку Своите ангели ја спасувал. Царот Седекија ја закопал до главата во ендек полн со змии и скорпии. Но ангел Божји ги умртвил отровните гадинки и ја сочувал светата девица неповредена. Тогаш истиот цар се обидел да ја пресече со пила, но пилата се одбивала од нејзиното тело

како од камен. Потоа пак истиот цар ја врзал за тркалото под воденицата и пуштил вода, за така да ја умре. Но водата застанала да тече, стоела и девицата останала здрава и жива. Царот Савах, синот Седекиин, ја потковал со клинци, врз неа натоварил вреќа песок и ја зауздил, па наредил, та ја воделе како скот далеку надвор од градот. „Навистина сум како скот пред Тебе, Господи!“ – говорела светата маченица трчајќи зауздана по своите мачители. Но ангел Божји ја потресол земјата и таа се отворила и ги проголтала нејзините мачители. Преживувајќи ги сите маки преку кои обратила огромен број незнабожци во христијанството, Ирина преминала во градот Калиопол каде ја проповедала верата во Христа. Тамошниот цар Нумеријан сакал да ја убие на тој начин што ја фрлал во три вжештени метални волови едно по друго. Но девицата била спасена и останала жива. И мнозина виделе и поверувале. Епархот Ваводин ја одвел во градот Константин каде што намислил да ја убие на тој начин што ја ставил на вжештена решетка. Но и тоа не ѝ наштетило на св. Ирина, а мнозина привела во вистинската вера. Најпосле Ирина дошла во градот Масемвриј, таму царот Савориј ја умртвил, но Бог ја оживеал. А царот, со мноштво народ, кога го видел тоа, поверувал, во Христа и се крстил. И така св. Ирина со своето страдање и со чудата привела во верата повеќе од 100 000 незнабожци. Најпосле самата легнала в гроб и му наредила на Апелијан гробот да го затвори. По четири дена, кога го отвориле гробот, неа ја немало внатре. Така Бог ја прославил за навек девицата и маченицата Ирина, која се жртвувала и сѐ претрпела за Бог што повеќе да се прослави меѓу луѓето[9]).

2. Св. Мартин и Ираклиј. Словени. Биле гонети од еретиците, ариевците, во Илирија. Испратени во прогонство, овие витези на православието го завршиле земниот живот во IV век и се преселиле кон Господа.

---

[9]) Архиепископот Филарет мисли дека св. Ирина била од словенско потекло.

РАСУДУВАЊЕ

Не помага молитвата со зборови, ако срцето не учествува во молитвата. Само усрдната молитва ја слуша Бог. Ава Ксој Тивејски еднаш се враќал од Синајската гора, па сретнал еден монах кој му се пожалил како во манастирот многу страдаат од суша. Ксој му рекол: „Зошто не се молите и не просите од Бога?“ Монахот му одговорил: „И се молиме и просиме, но дожд нема“. Ксој му рекол: „Очигледно е дека вие не се молите усрдно. Сакаш ли да се увериш дека тоа е така?“ Кога го рекол тоа, старецот ги подигнал рацете кон небото и се помолил. И силен дожд се спуштил на земјата. Кога го видел тоа, зачудениот монах паднал на земјата пред старецот и му се поклонил, но старецот плашејќи се од човечка слава веднаш побегнал од кај него. „Барајте и ќе ви се даде“, рекол самиот Господ. Но залудно се полни усните со молитва, ако срцето е празно. Бог не стои и не слуша на усните, туку во срцето. Нека се исполни срцето со молитва, па макар устата и да молчи. Бог ќе ја чуе молитвата и ќе ја прими. Бидејќи Бог ја слуша само усрдната молитва.

СОЗЕЦАНИЕ

Да Го созерцавам вознесениот Господ Исус, и тоа:

1. како со Своето вознесение Он го означува победничкиот крај на Своето целокупно делување на земјата во текот на некои 33 години;

2. како со Своето вознесение Он нè учи да ги упатуваме сите свои стремежи кон небото, а не кон земјата.

БЕСЕДА
за божествениот брак на човечката душа

Вратете се деца – отстапници, вели Господ, зашто Јас се соединив со вас (Јерем. 3:14).

Човечката душа е невеста, а Господ е жив и сесилен маж на човечката душа. Својата невеста, душата, Господ ја облекува во светлина и ја храни со Својата благодат. А душата од Бога мажот раѓа добри деца и многу деца во вид на многу и убави добродетели. Ниедна добродетел самата душа од себе не може да роди. Само од Бога кога е оплодена, душата раѓа добродетели. Оплодена, пак, од светот, душата или останува јалова или раѓа грев и порок. Затоа Господ и им говори на луѓето: „Јас сум ваш маж". Човечката душа да знае за кого е ветена и со кого е венчана за да не талка и со прељуба да се умртвува и во пепел да се претвори!

Бог е верен маж на човечката душа. Он никогаш невестата – душата не ја изневерува. Неговата љубов кон душата никогаш не изгаснува сè додека душата не се сврти од Бога и не направи прељуба. Но и тогаш, Бог не ја напушта душата одеднаш, туку оди по неа и ја враќа од патот на погибел. Обратете се, тогаш им говори Господ на човечките души. Покајте се и ќе ви опростам. Обратете се и ќе ве примам. Покајниците би знаеле да кажат колкава е милоста Божја. Тие би можеле да потврдат колку е истрајна Божјата љубов и кон грешниците сè до последниот час. Бог е верен во Својата љубов и не брза да ѝ се одмазди на душата–прељубница. Он непрестајно се труди да ѝ го врати изгубениот срам на прељубната душа. А срамот раѓа покајание, покајанието води кон обновување, а обновувањето води кон првобитната љубов и верност.

О Господи сесилен, помогни ни, од Твојата вечна љубов нашите души да родат добар и изобилен род. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

6 МАЈ

1. Св. праведен и многустрадален Јов. Јов бил потомок на Исава, внукот Аврамов, живеел во Арабија околу 2000 години пред Христа. Татко му се викал Зарет, а мајка му Восора; неговото, пак, полно име било Јовав. Тој бил човек чесен и богобојазлив и мошне богат. Но во 79. година на неговиот живот Бог допуштил на него тешки искушенија преку сатаната како што е сè подробно опишано во *Книгата Јов*. Во еден ден Јов го изгубил целиот свој огромен имот, и своите синови, и ќерките. Потоа го нападнала тешка болест, од која целото тело му се покрило со рани од темето до стапалата и Јов лежел на ѓубриштето надвор од градот, и со парче ќерамитка го истискувал гнојот од своите рани. Но Јов не Му се спротивставил на Бога, туку стрпливо ги поднесол сите маки до крај. Затоа Бог му го повратил здравјето и му дал богатство многу поголемо отколку што имал претходно, и пак му се родиле 7 синови и три ќерки, колку што имал и претходно. И Јов поживеал сè на сè 248 години, славејќи Го и фалејќи Го Бога. Јов се смета за пример на трпеливо поднесување на секое страдание што Бог ни го испраќа на нас и праобраз на страдалниот Господ Исус.

2. Св. мч. Варвар. Варвар бил војник во времето на Јулијан Отстапникот. Кога царскиот војвода Вакх ја повел римската војска против Франките, во таа војска бил и Варвар, таен христијанин. На фронтот од страната на Франките се појавил некој јунак, сличен на древниот Голијат, и ги предизвикувал Римјаните за некој од нив да му излезе на мегдан. Војводата Вакх го посоветувал Варвара тој да излезе. Варвар во срцето Му се помолил на живиот Господ, излегол и го победил џинот. Од тоа настапила забуна кај војската на Франките и избегала. Тогаш војводата направил голема веселба и наредил на идолите да им се принесат жртви. Но при тоа жртвопринесување војводата дознал дека Варвар се држи настрана. Кога го прашал за тоа, Варвар изјавил дека тој е христијанин. Војводата му јавил на царот, а царот наредил Варвар да се стави на најтешки маки. Но Варвар сè

поднесол со ретка храброст и присебност. При неговото мачење се покажале многу чуда и мнозина војници видувајќи го тоа ја примиле верата Христова. Меѓу овие бил и самиот војвода Вакх со Калимах и Дионисиј. Сите тројца биле исечени за името Христово, а по нив и Варвар, во 362 година. Нивните души се преселиле во Царството на Христа бесмртниот Цар.

3. Св. Варвар разбојник. После многу злосторства, се покајал и се осудил самиот себе, прво, три години да оди четвороножно и да јаде со кучињата, и второ, 12 години да живее во шума, без облека, без покрив, и без никаква храна, освен со трева и со лисја. Добил известие од ангел дека гревовите му се опростени. Едни трговци патувале низ шумата, па видувајќи го оддалеку Варвара, помислиле дека е ѕвер а не човек, ги затегнале стрелите и го застрелале. Умирајќи, тој ги замолил да му јават на блискиот свештеник за него. Свештеникот дошол и чесно го погребал. Но од неговото тело потекло целебно миро што им ги исцелувало разните болести и маки на луѓето.

РАСУДУВАЊЕ

Ава Исаија рекол за себе: „Се гледам себеси сличен на коњ кој талка без јавач. Кој и да го најде седнува врз него и 'ржи на него безмерно. Кога еден јавач ќе го остави коњот, друг го вјавнува и исто така постапува, па и третиот итн.“ Овој голем подвижник, за кого сите со чудење говореле дека достигнал совршенство, тоа го рекол за себе е или од смирение или од потсетување на времето на своето несовршенство. Важно е дека овие зборови се вистински во однос не секој христијанин кој оди духовно распашан и незаузден. Штотуку една страст се симнала од него, друго го јавнува. Штотуку една го заморила и го оставила во очајување, друга го јавнала со лажна надеж дека таа ќе го усреќи. Таквиот човек нема јавач кој би го упатил по вистинскиот пат без скршнување ни лево ни десно. Единствен пријател-

ски јавач, кого треба да го поздравиме со добредојде, е светиот и моќниот христијански дух.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за вознесението на Господа Исуса, и тоа:

1. како Он првин воскреснал телесно, па потоа се вознесол телесно;

2. како душите на праведниците по смртта првин се вознесуваат на небото, додека телата го чекаат општото воскресение, општото преобразување и општото вознесување.

БЕСЕДА
за силата што Бог им ја дал на пророчките зборови

Еӣе, Јас ќе ӣи наӣравам Моиӣе зборови во усӣаӣа ӣвоја оӣан, а овој народ - дрва, и овој оӣан ќе ӣи ӣроӣолӣа (Јерем. 5:14).

Видете браќа, дека дејството на словото Божјо не е исто кон секого! Словото Божјо е како оган на којшто се радува праведникот премрзнат во студенилото на овој свет; и словото Божјо е како оган кој го изгорува неправедникот, кого овој материјален свет премногу го стоплил. Искусните духовници ни оставиле сведоштво дека само името Исус, кое на верните им донесува сила, радост и освежување, ги гори лошите духови како жив оган. Така е со секое Божјо слово. Кај едни тоа создава утеха, кај други раздразнување, кај едни го стишува гневот, кај други го засилува; кај едни предизвикува страхопочит, кај други потсмев. За здравите е мед, а за болните е мед–пелин.

Но зошто народот да биде како дрва што ќе изгорат? Зар народот е крив ако го заведуваат безбожни старешини и

лажни пророци по настран пат? Не е крив народот во толкава мерка како неговите старешини и лажни пророци, но сепак е крив во извесна мерка. Бидејќи Бог му дал моќ и на народот да го знае вистинскиот пат, и преку совеста, и преку проповедта на Божјото слово, та народот не треба слепо да ги следи своите слепи водачи кога овие го водат по лажни патишта и го оддалечуваат од Бога и од Божјиот закон. Бог е, браќа, праведен и Он ја знае големината на сечија вина, нема да даде неукиот и малиот да пострада колку учениот и големиот.

Господи, Кој сè гледаш, спаси нè, да не бидеме ни слепи водачи, ниту слепо водени. Поткрепи ни го срцето, та и како водачи и како водени да бидеме вездеи Твои слуги, и само Твои слуги. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

7 МАЈ

1. Спомен на појавувањето на Чесниот Крст во Ерусалим. Во времето на царот Констанс, синот на св. цар Константин, и патријархот Ерусалимски Кирил, утрото, во 9 часот, се појавил Чесниот Крст над Голгота простирајќи се до над Маслиновата Гора. Тој Крст бил посветол од Сонцето и поубав од најубавиот божилак. Сиот народ, и верните и неверните, ги оставиле своите работи и во страв и восхитување го набљудувале тоа небесно знамение. Мнозина неверници се обратиле во верата Христова, а исто така и мнозина еретици – аријанци ја оставиле својата злобна ерес и му се вратиле на христијанството. За овој знак патријархот Кирил му напишал писмо на царот Констанс, кој и самиот навалувал кон аријанството. Тоа се случило на 7 мај 357 година. Така и во оваа прилика се покажало дека верата христијанска не е во светските мудрувања според човечкиот разум, туку во силата Божја, покажана низ безбројните чуда и знаци.

2. Св. мч. Акакиј. Овој Светител бил римски офицер во времето на царот Максимијан. Одговарајќи на суд за

својата вера во Христа, тој рекол дека ја наследил благочестивата вера од своите родители и дека во неа се утврдил откако видел многу чудни исцеленија од моштите на христијанските светители. После големите маки храбро претрпени во тракискиот град Пиринт, Акакиј бил преведен во Византија каде што издржал нови маки, додека најпосле не бил со меч исечен. Чесно пострадал и се преселил во Царството на вечната радост во 303 година.

3. Преп. отци грузиски. Во VI век, а на 200 години после тоа, откако св. Нина го проповедала *Евангелието* во Грузија, Пресветата Богородица му се јавила на Јована, подвижникот антиохиски, и му наредила да избере 12 свои ученици и да отиде во Грузија да ја утврди Христовата вера. Јован така и направил. Пристигнувајќи во Грузија, овие дванаесет мисионери биле свечено пречекани од кнезот на таа земја и соборникот Евлалиј и веднаш со ревност ја почнале својата работа. Народот се собирал околу нив во толпи, а тие го утврдувале во верата со голема мудрост и со многу чуда. Началник на сите овие христољубиви мисионери им бил св. Јован Зедазниски. Нивните имиња биле: Авид, Антониј, Давид, Зинон, Тадеј, Иса, Издериос, Јосиф, Михаил, Пир, Стефан и Шијо. Со апостолска ревност сите тие ја утврдувале верата Христова во Грузија, основале многу манастири и по себе оставиле мнозина ученици. Така се удостоиле за слава на небесата и за сила на Земјата.

РАСУДУВАЊЕ

„Признавам дека јас сум бил повеќе должен и дека ми е повеќе опростено: од судските и јавните работи јас сум повикан во свештенството, па затоа се плашам да не се покажам неблагодарен ако помалку љубам отколку што ми е опростено". Ова се зборови на св. Амвросиј, кој ненадејно бил од Бога повикан да го промени занимањето и од световен судија да постане архијереј на црквата Христова. Со овие зборови светителот кажува како свештеничкиот позив

е поголем од световниот, како до истиот се доаѓа со Божји призив и како оној кој е повикан Му должи благодарност на Бога. Долгот на благодарност кон Бога сите светители го сметале за свој главен долг. Без благодарност кон Бога не може да има напредување во духовниот живот. Непрестајната благодарност кон Бога е благородно семе, од кое, ако се залива со солзи на непрестајно покајание, израснува прекрасен плод – љубовта кон Бога.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за слегувањето на Бога, Светиот Дух врз светите апостоли, и тоа:

1. како светите апостоли стојат сите еднодушно на молитва;

2. како наеднаш настанува струење од небото како дување на силен ветар.

БЕСЕДА
за тоа како со гревовите се одбива доброто од луѓето

Вашите гревови го отстранија од вас тоа добро (Јерем. 5:25).

Ако немаш добрини во изобилие, народе, значи дека имаш грев во изобилие. Твоите гревови го одбиваат твоето добро од тебе. Ако си посакуваш добро на себе, народе, отстрани ги гревовите и не греши повеќе и ќе го пропуштиш доброто и доброто ќе дојде кај тебе и нема да се одделува од тебе.

Ако немаш добро, човеку, значи дека имаш грев. Не може доброто да престојува во иста куќа со гревот, како што светлината и темнината не можат истовремено да бидат на исто место. Кога светлината ќе се оддалечи, настанува

темнина; и кога темнината ќе се оддалечи, светлината засветува. Така, гревот и доброто можат де се сменуваат, но не можат да се заедно.

Нашите гревови го одбиваат доброто од нас, о браќа мои. Овие зборови не ги рекол само еден пророк, само на еден народ, туку секој вистински пророк ги говорел овие зборови на својот народ. Лажните пророци им ласкаат со гревовите на својот народ и така помагаат уште повеќе да се одбива доброто од својот народ. А вистинските пророци одат против гревовите на народот, бидејќи тие одат со доброто и викаат против гревот за да можат да го внесат доброто што е од Бога во душите на својот народ. Ако кошницата замириса, дали медоносните пчели ќе влезат и ќе го истоварат својот мед во неа? Не! Па кога бесловесните пчели не сакаат да влезат во замирисаната и зачадена кошница, како тогаш словесниот Божји Дух ќе влезе во смрдлива и зачадена душа од гревот? А Божјиот Дух ги поседува и е дародавец на сите добри дарови.

Господи, Свет Духу, помогни им со Твојата недостижна сила на Твоите луѓе да го изгонат гревот од своите души за да можеш Ти да настапиш внатре со Твоите животворни дарови. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

8 МАЈ

1. Св. ап. и евангелист Јован. Споменот на овој голем апостол и евангелист се празнува на 26 септември. Но на 8 мај се споменува чудото пројавено од неговиот гроб. Имено, кога Јован имал повеќе од 100 години, тој ги зел своите седум ученици, излегол од Ефес и им наредил на учениците да ископаат гроб во вид на крст. Потоа Старецот слегол жив во гробот и бил погребан. Кога подоцна верните го откопале гробот Јованов, не го нашле телото во гробот. А на 8 мај секоја година се кревала некоја прашина од неговиот гроб, од која се исцелувале болните од разни болести.

2. Преп. Арсениј Велики. Овој славен светител родум бил од едно патрициско семејство во Рим и добро образован, како во светските науки и филозофијата, така и во духовната мудрост. Оставајќи ја сета светска суета, тој ѝ се предал на служба на Црквата и бил ѓакон на великата црква во Рим. Неженет, повлечен, молчалив, молитвен, Арсениј мислел така да го помине целиот свој живот. Но промислата Божја го управила неговиот животен пат поинаку. Царот Теодосиј го зел за воспитувач и учител на своите синови: Аркадиј и Хонориј, и го поставил за сенатор, опкружувајќи го со големо богатство, почести и раскош. Но сето ова повеќе го притискало срцето на Арсенија отколку што го задоволувало. Еднаш се случило Аркадиј да направи некоја штета и Арсениј за тоа го казнил. Навредениот Аркадиј му смислувал тешка одмазда на својот учител, за која кога сознал, Арсениј се преоблекол во питачка облека, отишол на морскиот брег, седнал во лаѓа и отпловил во Египет. Кога стигнал во славниот Скит, му постанал ученик на славниот Јован Колов и се предал на подвиг. Себе се сметал за мртов. Кога некој му јавил дека еден богат роднина му умрел и нему му го оставил целиот имот, тој одговорил: „Па јас пред него умрев, значи, како можам јас да му бидам наследник?“ Повлечен во една пустинска келија како во гроб, по цел ден плетел кошари од палмови лисја, а ноќе на Бога Му се молел. Ги избегнувал луѓето и секој разговор со нив. Само во празничните денови излегувал од келијата и доаѓал за причест. За да не го фати мрза, тој на себе често си го поставувал прашањето: „Арсениј, Арсениј, зошто дојде во пустината?“ Поминал 55 години како пустиножител и за тоа време им бил пример на монасите и слава на монаштвото воопшто. Поживеал сто години и завршил мирно после долговремениот труд и доброволно наложеното врз себе маченишство, во 448 година. Се преселил во Царството на Христа Господа, Кого Го љубел со сето свое срце и со сета своја душа.

3. Св. Емилија. Мајка на св. Василиј Велики. Во младоста посакала да остане доживотна девојка, но била

принудена во брак. Родила девет деца. Нив ги вдахновила со духот Христов и петмина од нив станале христијански светители, и тоа: Василиј Велики, Григориј еп. Ниски, Петар еп. Севастиски, Макрина и Теозвија. Во староста изградила манастир во којшто живеела со својата ќерка Макрина и во кој се упокоила во Господа на 8 мај 375 година.

4. Преп. Арсениј Трудољубив. Киевски монах. Никогаш себе не си давал одмор, туку непрекинато се трудел. Храна земал само еднаш дневно, по заоѓањето на Сонцето. Се подвизувал и се упокоил во XIV век.

РАСУДУВАЊЕ

Некој монах му се жалел на св. Арсениј како при читањето на ***Свето̄то п̄исмо*** не чувствува ни сила од прочитаните зборови ниту умиление во срцето. На тоа големиот светител му одговорил: „Чедо, ти само читај! Сум слушал дека скротителите на змии, кога ги скротуваат змиите, изговараат зборови што самите тие не ги разбираат, но змиите кога ќе ги чујат тие зборови ја чувствуваат нивната сила и постануваат кротки. Така и ние, кога непрестајно на усните ги чуваме зборовите од ***Свето̄то п̄исмо,*** макар и нивната сила да не ја чувствуваме, лошите духови кога ќе ги слушнат се плашат и бегаат, бидејќи не можат да ги поднесат зборовите на Светиот Дух“. Чедо, ти само читај! Светиот Дух, кој преку вдахновени луѓе, ги напишал божествените зборови, ќе чуе и ќе разбере и ќе побрза да ти помогне: и ќе разберат и ќе осетат демоните и ќе побегнат од тебе. Оној Кого Го повикуваш на помош ќе разбере, и тие што сакаш да ги изгониш од тебе, и тие ќе разберат. И двете цели ќе бидат постигнати.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за слегувањето на Бога, Светиот Дух врз апостолите, и тоа:

1. како се покажуваат огнени јазици над апостолите, по еден на секој од нив;

2. како апостолите се исполнуваат со Светиот Дух и почнуваат да говорат на разни јазици како што самиот Свет Дух им дава да говорат.

БЕСЕДА
за злото како плод на човечките мисли

Чуј земјо: еше, ќе исираам ироив овој народ иоибел, илод на иомислиие нивни; зашто ие не ги слушааи Моиие зборови и Мојо закон го офрлија (Јерем. 6:19).

Гледате ли, браќа, каде расте и каде созрева злото? Не во крилјата Божји, туку во мислите човечки. Во човечките мисли злото се сее од демонски сили. Во човечките мисли злото расте и се разгранува, се размножува и цути, разлистува и најпосле покажува плодови. Бог благовремено ги опоменува луѓето да се тргнат од своите лоши мисли, та злото да не созрева во човечката душа и да не донесува свои горчливи и смртоносни плодови. Бог го опомена благовремено и Каина, но Каин не сакаше да слушне, туку дозволи лошата помисла на братот да донесе лош плод, братоубиството.

Кои мисли се лоши? Сите оние кои доаѓаат спротивно на законот Божји, на словото Божјо. Лошите мисли се самоволен човечки закон, кој човекот самиот на себе си го припишува и покрај и против законот Божји. Ако ли, пак, човекот е цврсто решен да се придржува кон законот Божји, лошите мисли тогаш се немоќни како сенки што брзо се појавуваат, но, исто така, и брзо исчезнуваат. Тогаш човекот е господар над своите мисли, бидејќи го чувствува Бога како господар над себе. Тогаш законот Божји е закон, а лошите човечки мисли се ништо.

Ете, ќе испратам против овој народ погибел, говори Господ. Каква погибел? Плод на нивните мисли. Односно, јас ќе дозволам само да го ожнеат она што го посеале и одгледале, бидејќи злото ниту е Мое семе, ниту е Моја жетва. Злото што јас ќе го испратам на беззаконите луѓе е плод на нивните мисли. Според своите мисли тие требало да проценат какво зло ќе ги снајде како што сејачот според семето проценува што ќе може да жнее.

О Господи кроток и незлобен, спаси нè од нашето сопствено зло што самите во себе го одгледавме. Отстрани ги лошите плодови на лошиот посев, Ти се молиме. И помогни ни да го искорнеме лошото семе од својата душа. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

9 МАЈ

1. Св. Пророк Исаија. Овој голем пророк бил од царски род. Роден е во Ерусалим од татко Амос, брат на Амасиј, царот јудејски. По големата благодат Божја, што била во него, Исаија се удостоил да Го види Господа Саваот на небесниот престол, опкружен со шестокрилни серафими, кои непрестајно пеат: „Свет, Свет, Свет е Господ Саваот“. Исаија пророкувал многу работи како на поедини луѓе така и на народите. Еднаш одел сосема гол по улиците на Ерусалим, пророкувајќи го скорешниот пад на Ерусалим под асирскиот цар Сенахерим, и опоменувајќи го царот и главарите народни да не се надеваат во помошта од Египќаните и од Етиопјаните, бидејќи и овие наскоро ќе бидат покорени од истиот Сенахерим, туку да се надеваат во помошта на Севишниот Бог. И ова пророштво, како и сите останати, буквално се исполнило. Но најважни му се пророштвата за воплотувањето на Бога, за зачнувањето на Пресвета Дева, за Јована Претечата и за многуте случувања од Христовиот живот. Овој видовит маж, поради чистотата на своето срце и поради ревноста кон Бога, примил одозгора уште и дар на чудотворство. Така, кога опседнатиот Ерусалим страдал од

жед, тој Му се помолил на Бога и потекла вода под гората Сион. Таа вода е наречена „силоам“ (испратена); и на таа вода Господ подоцна го испратил слепородениот да се измие да би прогледал. Во времето на царот Манасиј, кога Исаија грмел против незнабожечките обичаи на царот и на главарите, израмнувајќи го тогашниот прираст со Содома и Гомора, против овој голем пророк се кренал гневот на главарите и на народот, тој бил фатен, изведен надвор од Ерусалим и со пила исечен. Живеел и пророкувал 700 години пред Христовото Рождество.

2. Св. Никола Чудотворец Мирликиски. Денес се слави преносот на моштите. Во времето на царот Алексеј Комнен и патријархот Никола Граматик, во 1087 година, телото на овој светител било пренесено од градот Мир Ликиски во градот Бари, во Италија. Тоа се случило поради навалата на муслиманите на Ликија. Светителот на сон му се јавил на некој чесен свештеник во Бари и му наредил моштите да се пренесат во тој град. Во тоа време градот Бари бил православен и под православен патријарх. При преносот на моштите на светителот се случиле многу чуда како од допирот до моштите така и од мирото, коешто изобилно се точело од моштите. Уште на овој ден се споменува чудото на св. Никола над Стефана Дечански, кралот српски; имено, како светителот му го повратил видот на слепиот крал Стефан.

3. Св. мч. Христифор. Голем чудотворец. Особено почитуван во Шпанија. Нему народот му се молел најмногу против заразни болести и голем помор. Намачен за Христа и прославен од Христа, починал во 249 година.

РАСУДУВАЊЕ

Мачеништво за верата може на себе да прими секој христијанин, како за време на гонењата на верата така и за време на мир. Ава Атанасиј рекол: „Биди мачен со совеста, умри го гревот, умртви ги земните удови и ќе бидеш маченик според својата желба. Тие се бореле со цареви и со кнезови, и ти го имаш за цар гревот, ѓаволот и демонските кне-

зови. Порано имало кумири, капишта и идоложртвеници. И сега тие постојат мисловно во душата. Кој е роб на блудот, тој се поклонува на идолот Афродита. Кој се гневи и разгневува, тој се поклонува на идолот Ареја. Кој е среброљубив и затворен кон маката и бедата на својот сосед, тој се поклонува на идолот Хермес. Ако се воздржиш од сето тоа и себе си се сочуваш од страстите, си ги победил кумирите, си се одрекол од зловерието и си постанал маченик за верата". И така, човекот не мора посебно да чезне за гонење и за мачеништво. Секој во секое време може да трпи мачеништво заради Христа и заради Неговото Евангелие.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да го созерцавам слегувањето на Бога, Светиот Дух врз апостолите, и тоа:

1. како сите луѓе се чудат и мислат, слушајќи ги апостолите каде што говорат на разни јазици;
2. како некои се потсмеваат, говорејќи: „Се накитиле со вино!"

БЕСЕДА
за проклетството на човек кој се надева на човек

Така вели Господ: „Проклет да е оној човек што се надева на човек и кој телото свое го смета за сила, чие срце се клони од Господа" (Јерем. 17:5).

Кога човек со срцето ќе отстапи од Господа, тогаш тој, обично, се надева на луѓето и во себе, бидејќи на кого тогаш би се надевал кога веќе го одврзал својот чун од Божјата лаѓа? Кога веќе го одврзал овој чун од Божјата лаѓа, ништо друго не му останува, туку да се надева на својот чун и во чуновите на своите соседи. Слабо надевање, но друго и

нема! Плачевно надевање над бездната на пропаст, но друго и нема!

Но, о небо и земјо, зошто го одврза човекот својот чун од Божјата лаѓа? Што му стана на човекот за да бега од својата сигурност? Каква сметка пресмета кога откри дека ќе му биде подобро осамен на бурните бранови отколку во Божјиот дом и покрај скутот Божји! Со кого направи сојуз кога го раскина сојузот со Бога? Дали со некој појак од Бога? Безумие, безумие, безумие!

Проклет да е оној човек кој се надева на човек! Ова Бог го рекол еднаш, а луѓето илјадапати. Разочарани во својата надеж, луѓето илјадапати го проколнувале оној кој се надева на човекот. Бог го рекол само она што луѓето и премногу добро го искусиле и со своето искуство го потврдиле, имено, како навистина е проклет човек кој се надева на човекот!

Затоа на Бога да се надеваме, браќа мои, на Бога Кој е цврста лаѓа на бура и не изневерува. Да се надеваме само на Него, бидејќи секое друго надевање е ѓаволска прелест. На Тебе се надеваме, о Господи, тврдино наша и наше пристаниште. Ти врзи нè покрај Себе и не дозволувај да се одврземе, ако ние, според безумието и проклетството, пробаме да се одврземе од Тебе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

10 МАЈ

1. Св. ап. Симон Зилот. Еден е од дванаесетте големи апостоли. Родум бил од Кана Галилејска. На свадбата му дошол Господ Исус со Мајка Му и со учениците. Кога снемало вино, Господ ја претворил водата во вино. Видувајќи го ова чудо, младоженецот Симон ја оставил куќата, и родителите и невестата, па тргнал по Христа. Зилот значи ревнител. А ревнител Симон е наречен поради својата голема и огнена ревност кон Спасителот и Неговото Евангелие. По приемот на Светиот Дух, Симон отишол да го проповеда

Евангелието во Мавританија, во Африка. Бидејќи успеал мнозина да обрати во верата Христова, бил мачен и најпосле на крст распнат како и неговиот Господ, Кој му подготвил венец на славата во бесмртното царство.

2. Св. мч-ци Алфеј, Филаделф и Кирин. Се родени браќа, синови на некој кнез Виталиј во јужна Италија. Прекрасни во благородството, силни во верата. Судени поради својата вера во Христа; водени од еден судија до друг, од еден мачител до друг. Преведени во Сицилија и таму убиени во времето на царот Ликиниј. На Алфеја јазикот му го отсекле. Од изливањето на крвта Алфеј умрел. Филаделф бил изгорен на железна леса, а Кирил во оган. Нивните нетлени мошти биле пронајдени во 1517 година. Овие тројца браќа ѝ се јавиле на св. Евталија (види под 2 март).

3. Преп. Исидора Јуродива. Живеела во IV век и била монахиња во женскиот манастир во Тавенисиот. Се правела луда за да ја скрие својата доблест и својот подвиг. Ги работела највалканите работи, се хранела со остатоците од садовите, го услужувала секого и сите, и била презирана од сите и од секого. Во тоа време ангел Божји му ја открил на големиот подвижник Питирим тајната за Исидора. Питирим дошол во женскиот манастир и кога ја видел Исидора, тој ѝ се поклонил доземи. Така и таа нему. Тогаш сестрите му кажале на Питирима дека таа е луда. „Вие сте луди, одговорил Питирим, а оваа е поголема пред Господа и од мене и од вас; јас само Го молам Бога да ми го даде и мене она што ѝ е на неа наменето на Страшниот Суд!“ Тогаш сестрите се засрамиле и ги замолиле и Питирима и Исидора за прошка. Оттогаш сите почнале да ѝ укажуваат на Исидора почест. А таа за да ја избегне почеста од луѓето, избегала од манастирот и умрела на непознато место околу 365 година.

4. Блажената Тајса. Тајса била богата девојка, христијанка, во Египет. Се решила да не стапува во брак, а имотот им го раздала на пустинските монаси. Кога го потрошила целиот имот, таа се предала на развратен живот. Кога слушнале за ова, пустиниците го замолиле ава Јован Колов, та овој дошол во Александрија и почнал да плаче пред Тај-

са. Кога таа чула дека старецот плаче поради нејзините гревови, во мигот се покајала, ја оставила и куќата и сè и отишла в пустина по светителот. Една ноќ кога таа спиела а Јован на молитва стоел, Јован видел ангели со голема светлина кај што слегле и ја зеле душата на Тајса. И Јован дознал дека нејзиното моментално, но топло покајание, Му било поугодно на Бога од долгогодишното надворешно покајание на мнозина пустиници.

РАСУДУВАЊЕ

Во една своја молитва св. Ефем Сирин се обраќа кон Бога со овие зборови: „Во оној страшен и ужасен ден, ќе ниречеш Ти нам, Господи: вие луѓето добро знаете што Сум претрпел Јас за вас... Што сте претрпеле вие за Мене? Што ќе одговорат на тоа окаените, лукавите, грешните и нечистите? Мачениците тогаш ќе ги покажат своите рани од маќењата, отсечените долови од своето тело и своето трпение сè до крајот. Подвижниците ќе го покажат своето подвижништво, долгиот пост, бденијата, сиромаштијата, солзите и своето трпение до крајот. А јас, мрзливиот, грешниот и незаконит, што ќе покажам јас?“ Поштеди, човекољупче!

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за дејството на Бога, Светиот Дух врз апостолите, и тоа:

1. како Бог Свети Дух од мали ги прави големи;
2. како Он од плашливи ги прави бестрашни.

БЕСЕДА
за тоа како праведникот претрпува поруга заради словото Господово

Бидејќи словото Господово стана за мене подбива и секојдневен потсмев (Јерем. 20:8).

Кој се потсмева на пророкот Божји, на носачот на словото Божјо, на носачот на силата и мудроста? Му се потсмева народот негов и му вели: „Стрмен пат ти ни проповедаш; ако е и од Бога, ние не можеме да одиме по него, бидејќи ни е премногу стрмен".

Кој се потсмева на трубачот на гласот Господен, кога тој труби за тревога заради пожарот што се пали во далечината и се приближува до градот? Му се потсмеваат старешините народни и му велат: „Зошто не ја затвориш устата, ќе ти биде и на тебе потопло и на нас поведро. Тоа не е пожар што ти се чини, но магла од планинската роса!"

Кој уште се потсмева на човекот Божји кога тој доаѓа од Бога и ја објавува Божјата волја? Му се потсмева неговата жена и неговите браќа. Тие му велат: „Ја оставаш својата работа што те храни и одиш по туѓи работи кои те понижуваат".

Словото Господово стана за мене подбив и секојдневен потсмев. Така можел да рече пророкот, така апостолот, така маченикот, така секој ревнител за словото Господово и за законот Господов. Но ни подбивот ни потсмевот никого од нив не уплашиле, ниту ги одвратиле од сведочењето, ниту од патот по непознат пат ги завеле. Сиот свет однадвор им се потсмевал и ги задевал, но Господ ги крепел и ги развеселувал однатре. И му одолеа Господ на светот. И му одолеаја со тоа светителите Божји на своите подбивачи и потсмевачи.

Господи себлаг, закрепи нѐ и нас однатре во срцето наше за да не нѐ збуни подбивот и да не нѐ збрка потсмевот на светот заради Твоето име. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

11 МАЈ

1. Св. Кирил и св. Методиј Рамноапостоли. Родени браќа, родум од Солун, од познати и богати родители, Лав и Марија. Постариот брат, Методиј, како офицер поминал 10 години меѓу македонските Словените и така го научил словенскиот јазик. Потоа Методиј се оддалечил во горага Олимп и се предал на монашки подвиг. Тука подоцна му се придружил и Константин (Кирил). Но кога хазарскиот цар Каган побарал од царот Михаил проповедници на верата Христова, тогаш, по заповед на царот, овие двајца браќа биле пронајдени и испратени меѓу Хазарите. Убедувајќи го Кагана во верата Христова, тие го крстиле со голем број негови доглавници и уште поголем број народ. После извесно време, тие се вратиле во Цариград, каде што составиле словенска азбука од 38 букви и почнале да преведуваат црковни книги од грчки на словенски јазик. На повик на кнезот Растислав отишле во Моравија, каде што ја распространиле и ја утврдиле благочестивата вера, а книгите ги намножиле и им ги дале на свештениците да ја учат младината. На повикот на папата, отишле во Рим, каде Кирил се разболел и умрел, на 14 февруари 869 година. Тогаш Методиј се вратил во Моравија и се потрудил до смртта на утврдување на верата Христова меѓу Словените. По неговата смрт – а тој се упокоил во Господа на 6 април 885 година – неговите ученици, Петточислениците, со св. Климент како епископ на чело, го преминале Дунав и се спуштиле на југ, во Македонија, каде што, од Охрид, ја продолжиле меѓу Словените работата започната со Кирил и Методиј на север.

2. Свешт-мч. Мокиј. Римјанин по раѓање и свештеник во Амфипол, град македонски. Пострадал за време на Диоклецијан. Со молитва ја скршил статуата на богот Дионис, со што некои од незнабожците ги огорчил против себе, а некои, пак, ги привел кон верата. Бил исечен за Христа во 295 година.

3. Св. Никодим архиеп. Пеќски. Овој голем ерарх бил Србин по раѓање. Се подвизувал на Света Гора и бил игумен на „Хилендар“. По смртта на Сава III, бил избран за архиепископ на „сите српски поморски земји“ во 1317 година. Тој го крунисал кралот Милутин во 1321 година. Го превел *Ерусалимскиот Типик* на српски јазик. Во предговорот на оваа книга тој вели: „Семоќниот Бог, Кој ја знае нашата немоќ, ќе ни даде духовна моќ, но ако ние прво покажеме труд“. Искрено го љубел подвижничкиот живот и се трудел да го утврди во српската земја. Неуморно се трудел на искоренувањето на богомилската ерес и на утврдувањето на православната вера. Се упокоил во Господа во 1325 година. Чудотворните мошти му почиваат во манастирот во Пеќ.

РАСУДУВАЊЕ

Во сараценскиот табор го прашале св. Кирила: „Како христијаните можат да војуваат и пак да ја одржат Христовата заповед за молење на Бога за нивните непријатели?“ Свети Кирил одговорил: „Ако во еден закон се запишани две заповеди и им се дадени на луѓето за извршување, кој човек ќе биде подобар извршител на законот: оној којшто ќе исполни една заповед или оној којшто ќе ги исполни двете заповеди?“ Св. Кирил продолжува: „Христос, нашиот Бог, ни заповеда да се молиме на Бога за оние кои нè гонат и да им правиме добро и на нив; но Он, исто така, уште ни рекол: поголема љубов никој не може да пројави во овој живот отколку некој што ќе ја даде својата душа за своите пријатели. И затоа ние поднесуваме навреди што непријателите ни ги прават поединечно и се молиме на Бога за нив; но како општество ние се застапуваме еден за друг и ги положуваме своите души за таквите, пленувајќи ги нашите браќа, да не ги заплените со телата и нивните души и да не ги погубите и со телесно и со душевно“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за дејството на Бога, Светиот Дух врз апостолите, и тоа:

1. како од прости ги прави мудри;
2. како од незборливи ги прави беседници.

БЕСЕДА
за неодоливоста на волјата Божја

Па се сетив: нема веќе да споменувам за Него, ниту ќе зборувам во Неговово име; но во срцето како да имам распален оган, затворен во коските мои, и се измачував да го задржам и не можев (Јерем. 20:9).

Ако уште некој се сомнева дека Бог говорел преку пророците, нека ја прочита оваа исповед на големиот пророк Јеремија и повеќе да не се сомнева. Пророкот исповеда дека решил повеќе да не говори во името Господово. Зошто? Затоа што малкумина обраќале внимание на неговото слово, а ако некој и обраќал, пророкот од тоа трпел потсмев и исмејување секојдневно. Па кога решил да молчи, дали навистина молчел? Не, не можел: „Се уморив да го задржам, но не можев повеќе!“ Со неодолива сила на Духот Божји навалил на него да зборува и тој морал да зборува. Не е, значи, работа на пророкот дали сака да говори или што ќе говори: тоа е работа на Сесилниот Дух Божји. А пророкот само го избрал оружјето на Сесилниот Дух Божји. Така е напишано целото ***Свето писмо*** – не по волја на човекот, туку по волја на Бога и не според човечкиот ум, туку според Божјиот разум.

Како, пак, се чувствува словото Божјо кога ќе влезе во пророкот од Божјиот Дух, тоа го објаснува големиот Јеремија од своето лично доживување: во срцето како да имам

распален оган, затворен во коските мои. Тоа значи надахнување од Сесилниот Дух Божји. Под таков недоволен внатрешен притисок – како под притисок на оган затворен во коските – пишувале светите Божји луѓе. И многумина од нив извикале: „Се уморив да го задржам, но не можев повеќе!“ Кој ќе Му се противи на Духот Божји без казна и погибел? Кој ќе Му одолее кога Он сака нешто да каже или да направи.

О браќа мои, неодоливо е дејството на Сесилниот Дух Божји.

О Духу Божји Сесилен, упати нѐ неодоливо на патот на спасението. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

12 МАЈ

1. Св. Епифаниј еп. Кипарски. Роден е како Евреин, но увидувајќи ја силата на верата Христова се крстил заедно со својата сестра Калитропија. Во својата 26. година се замонашил во манастирот на св. Иларион. Подоцна основал посебен манастир каде што се прочул, по цела Палестина и по Египет поради своето подвижништво, по духовна мудрост и по чудотворство. Бегајќи од славата човечка, се оддалечил во Египет. На патот се сретнал со великиот Пафнутиј, кој му прорекол дека ќе биде архијереј на островот Кипар, каде бил ненадејно избран за епископ. Во 60. година постанал епископ во градот Саламини и како епископ управувал со Црквата Божја 55 години. На земјата живеел 115 години и се упокоил за вечно да живее во Царството Христово. Пред смртта бил повикан во Цариград од царот Аркадиј и жена му Евдоксија на епископскиот собор, кој требало, по желба на царот и царицата, да го осуди св. Јован Златоуст. Пристигнувајќи во Цариград, тој отишол во царскиот двор, каде што царот и царицата долго го задржале наговарајќи го да се изјасни против Златоуст. Слушнале граѓаните, слушнал и Златоустиот, божем Епифаниј се согласил со царот против Златоуст. Затоа св. Јован Златоуст му напишал

писмо: „Брате Епифаниј, слушнав дека си го советувал царот јас да бидам прогонет; знај дека и ти повеќе нема да го видиш твојот престол“. На тоа Епифаниј му напишал: „Страдалнику Јоване, одолевај им на навредите; знај дека и ти нема да стигнеш до местото во кое те прогонуваат“. И двете овие светителски пророштва набрзо се случиле: не сакајќи ни за што да се согласи со царот за прогонство на Златоуст, Епифаниј тајно седнал во лаѓа и тргнал за Кипар, но на лаѓата умрел; а Златоустиот царот го протерал во прогонство во Ерменија, но овој светител по патот умрел. Св. Епифаниј се упокоил во 403 година. Од многуте дела на св. Епифаниј најпознато е „Ковчеже“, по грчки: *Панарион*, во кое се изложени и побиени 80 ереси.

2. Св. Герман патријарх Цариградски. Син на прв царски сенатор, кого го убил царот Константин Погонат. Истиот овој лош цар го кастрирал сенаторовиот син Герман и сосила го оддалечил во манастир. Како монах Герман засветил како ѕвезда со својот добродетелен живот. Поради тоа бил избран прво за епископ Кизички, а потоа, кога се зацарил Анастасиј II, и за патријарх Цариградски. Како патријарх го крстил злогласниот Копроним, кој за време на крштението ја извалкал водата со нечистота. И тогаш патријархот прорекол дека тоа дете кога ќе порасне ќе внесе во Црквата нечиста ерес. Тоа и се случило. Кога Копроним постанал цар, ја обновил иконоборечката ерес. Лав Исавријанин, таткото на Копроним, го почнал гонењето на иконите, а кога патријархот Герман му се спротивставил, злобниот Лав извикал: „Јас сум цар и свештеник!“, па го исфрлил Германа од престолот и го отерал во манастир, каде што овој светител проживеал уште десет години додека Господ не го повикал кон Себе во Царството небесно во 740 година.

3. Св. Мч. Панкратиј. Од Фригија дошол во Рим, каде како четиринаесетгодишно момче бил мачен и убиен за Христа во 304 година. Овој светител многу се почитува на Запад. Во Рим постои црква со негово име, во која почиваат неговите свети мошти.

РАСУДУВАЊЕ

Свети Климент Александриски кај варварите наведува еден страшен обичај. Кога ќе заробат непријател, вели тој, тие жив го врзуваат за мртво тело човечко и така двајцата ги оставаат и живиот и мртвиот заедно да се распаднат. Дај Боже да може да се рече: Благодарност на Бога што тој варварски обичај поминал! Всушност, тој не поминал, туку и денес царува во потполна сила. Секој оној кој својот жив дух го врзува за тело умртвено од страстите е исто толку варварин како оној кој го врзува живиот човек за мртовец и ги остава обата да се распаднат.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за дејството на Бога, Светиот Дух врз апостолите, и тоа:

1. како од ловци на риби ги прави ловци на луѓе за Царството Божјо;

2. како од пастири на бесловесно стадо ги прави пастири на словесно стадо.

БЕСЕДА
за тоа како луѓето во среќата
не го слушаат законот Божји

Јас ти зборував, кога ти беше добро, но ти рече: нема да послушам (Јерем. 22:21).

Оваа жалба ја подига Господ над војските против Јоакима, царот Јудин и против народот јудејски. Но зар овие зборови не се актуелни и денес кога ќе се кажат во лицето на нашиот народ и, без малку, на секого од нас поединечно? Кога ќе се осетиме среќни, ние Го оставаме Бога во сенка и Неговите зборови ги предаваме на заборав, но штом ќе нè

опкружи несреќата со своите темни крилја, ние се обраќаме кон Бога и повикуваме за помош. Во несреќата заповедите Господови ни се чинат слатки како мед, а во среќата тие се горчливи како лек. Зар тогаш не е подобра несреќата од среќата? Зар не е поспасоносна несреќата во која Го бараме Бога отколку среќата, во која Го забораваме Бога?

О земјо, земјо, земјо! Чуј го словото Господово! – извикува вистинскиот пророк Божји. Човекот е земја, словото Господово е живот посаден во таа земја. Дали земјата повеќе сака да остане без животниот посев и да биде проколната или ќе го негува доверениот посев и да биде благословена? О колку е грозна, гола, безводна и јалова нивата, а како е убава обработената нива со богат посев покриена! И едната и другата нива, ти си човеку! Избирај: смрт или живот! Ниеден домаќин не ја цени земјата според ништо, ако на не роди никаков посев. Зар Бог ќе биде понепаметен од обичните домаќини и ќе ја цени за нешто нивата што ќе го изјалови секое семе што во неа ќе се фрли?

Што ќе биде од човекот кој во својата среќа не ги слуша зборовите Божји? Со магарешки погреб ќе се погребе. Така му рече пророкот на царот Јоаким и неговиот збор се оствари. Кога Халдејците го зазеле Ерусалим, го убиле Јоакима, го влечеле под градските ѕидини и го оставиле на пците. И се случило со непослушниот цар тоа што им се случува на магарињата. О човеку, о земјо! Чуј го благовремено словото Господово за да не се излие на тебе гневот на домаќинот како на јалова нива и крајот твој да не биде ист како крајот на магарињата.

Господи, долготрпелив, спаси нè од скаменето срце и од помрачен ум, од овие две лути болести со лоши последици во оние часови од животот што луѓето ги нарекуваат среќни. Спаси и помилувај, Господи над војските! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

13 МАЈ

1. Св. мч-чка Гликерија. Ќерка била на некој гувернер од Рим. Станувајќи сирак по смртта на татка си, Гликерија се населила во Трајанопол во Тракија. Во времето на нечестивиот цар Антонин, Гликерија била изведена да му принесе жртва на идолот на Диј. Таа нацртала крст на своето чело, па кога царскиот наместник ја прашал каде е нејзината ламбада (оти сите носеле ламбади во раката), Гликерија го покажала крстот на челото и рекла: „Ова е мојата ламбада". По нејзината молитва, удрил гром во идолот и го раздробил на парчиња. Наместникот се разгневил и наредил, та ја биеле и во самица ја фрлиле. И наместникот ја запечатил вратата на самицата, решен да ја умре девицата со глад. Но ангел Божји ѝ се јавувал на Гликерија и ѝ давал небесна храна. После извесно време, кога наместникот мислел дека маченичката завршила од гладот, ја отворил самицата и се зачудил кога ја видел здрава, светла и весела. Самичарот Лаодикиј, кога го видел тоа чудо и самиот Го исповедал Христа Господа и веднаш бил исечен. Потоа Гликерија била фрлена во огнена печка, но останала неповредена од огнот. Стоејќи на средина на огнот, таа Го фалела Господа, споменувајќи го чудото над трите младенци во вавилонската печка. Најпосле била фрлена пред лавови. Помолувајќи Му се на Бога, оваа света девица Му ја предала својата душа на Господа за Кого јуначки претрпела многу маки. Чесно пострадала во 177 година. Од нејзините мошти потекло целебно миро со кое болните се лекувале од најтешки болести.

2. Св. мч. Александар. Словен. Осумнаесетгодишен војник во војската на царот Максимилијан. Одрекол по царската наредба да им оддаде почит на римските идоли, поради што бил предаден на капетанот Тиверијан или да го советува да се одрече од Христа или, пак, да го мачи и да го погуби. Бидејќи сите совети биле залудни, Тиверијан го зел со себе и го повел преку Македонија во Цариград каде што и самиот по должност морал да оди. Во секое место младиот Александар бил остро мачен, но во секое место христијани-

те излегувале пред него, молејќи го за благослов и храбрејќи го во подвигот. По него одела мајка му Пименија. Во текот на ова патување на Александар повеќе пати му се јавувал ангел Божји блажејќи ги неговите маки и храбрејќи го. На едно место, викано Карасура, маченикот направил чудо со молитва: имено, кога жедта му досадила нему и на војниците што го придружувале, тој извадил извор ладна вода во суво место. На брегот на реката Ергина, Тиверијан наредил џелатот да го исече Александра и телото да му го фрли во водата. Кога џелатот замавнал над главата маченичка, видел ангели Божји наоколу, се уплашил и раката сама му се спуштила. Александар го прашал зошто му опаднала раката, а тој рекол дека гледа некои светли момчиња околу него. Желен за смрт и соединение со Господа, Александар Му се помолил на Бога да отстапат ангелите за џелатот да не се плаши. И така џелатот ја завршил својата работа во 298 година. Пименија го извадила телото на својот син и чесно го погребала. Имало многу исцеленија на гробот на маченикот. По смртта маченикот ѝ се јавил на својата мајка и ѝ го навестил нејзиниот скорешен премин во другиот свет.

3. Преп. Јован, Евтимиј, Георгиј и Гаврил Иверски. Основатели се на познатиот иверски (грузиски) манастир во Света Гора. Свети Јован се подвизувал прво во лаврата на св. Атанасиј, а потоа основал свој манастир, „Ивер". Се упокоил во 998 година. Евтимиј и Георгиј го превеле ***Светото писмо*** на грузиски јазик. Евтимиј се упокоил во 1028, а Георгиј во 1066. Гаврил се удостоил да ја прифати чудотворната икона на Божјата Мајка, која по морето дошла во манастирот.

РАСУДУВАЊЕ

За силата на смртта и на крстот Христов Свети Атанасиј пишува: „Чија смрт било кога ги изгонила демоните? И од чија смрт било кога се плашеле демоните како од смртта Христова? Каде само ќе се произнесе името на Спасителот, таму се изгонува секој демон. Кој во таква мера ги

скротил душевните страсти, и блудниците да живеат целомудрено, и човекоубијците повеќе да не се служат со мечот, а плашливите да постанат помажествени? Зар не верата Христова? Зар не крстниот знак? И кој друг ги уверил луѓето така во бесмртноста како Христовиот крст и воскресението на телото Христово?“ Смртта на безгрешникот и крстот на човекољубецот однесле поголема и трајна победа отколку сите цареви земски со многуте милиони војски. Која војска било кога можела да победи само еден демон? Меѓутоа, самиот спомен на името на Распнатиот на крстот ги тера во бегство демонските војски. О кога би знаеле сите христијани какво богатство имаат во името Христово и какво оружје во крстот Христов!

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за дејството на Бога, Светиот Дух врз апостолите, и тоа:

1. како апостолите водени од Светиот Дух патуваат по целиот свет без средства и без пријатели;

2. како обраќаат во верата Христова богаташи и сиромашни, само со збор, со живот и со чуда.

БЕСЕДА
за тоа како Бог се служи со неверните за да ги казни верните

Вавилонскиоѿ цар Навуходоносор,
Мојоѿ слуѓа, вели Госѿод (Јерем. 25:9).

Зар овој збор не е тврд? Кој може со него да се нахрани? Царот незнабожечки, царот идолопоклонички, Господ го нарекува Свој слуга! Ако е Божји слуга оној кој знае за вистинскиот Бог и кој го исполнува законот Божји, како може да биде слуга Божји оној кој не знае за вистинскиот Бог и кој не го исполнува законот Божји? Навистина, ви-

стински слуга Божји е оној кој Го познава вистинскиот Бог и кој го исполнува законот Божји, но кога оној на кого Бог му го дал знаењето за Себе, му го дал Својот закон, го превртел знаењето во незнаење и законот во беззаконие, тогаш Господ го зема за Свој слуга оној што не знае за да го казни отстапникот. Бидејќи отстапникот од Бога е полош од незнабожецот, отстапникот од Божјиот закон паѓа пониско и од родениот идолопоклоник.

Затоа, кога Израилот, како стара Божја црква, отстапи од Бога и од законот Божји, Бог го избра Навуходоносор за Свој слуга да го казни отстапникот Израил.

Затоа кога христијанските народи во Азија и во Африка преку многубројните ереси отстапија од Бога, Бог ги зеде за Свои слуги Арапите да ги казни христијаните за да ги вразуми.

И кога христијанските народи на Балканот отстапија од Бога и од Божјиот закон, Бог ги повика Турците за Свои слуги да ги казни отстапниците и со казната да ги вразуми.

Кога и верните да отстапуваат од Бога, Бог плете камшик од неверните за да ги вразуми верните. Па како што верните свесно и со сакање отстапуваат од Бога, така неверните несвесно и без да сакаат постануваат слуги Божји, камшик Божји.

Но неверните ги зема Бог само моментно во служба против верните. Бидејќи за земјата на Навуходоносор, вели Господ, и ќе ги доведам против оваа земја за нејзините беззаконија, и ќе ги направам за ужас, за потсмев и за вечна пустош. Тогаш ќе се најде слуга против слуга. Бидејќи Бог не ги земал за слуги Вавилонците заради нивната добрина и верата туку заради израелската злоба и неверството.

Господи праведен, помогни ни со Твојот севишен Дух секогаш да бидеме со Тебе, единствениот и вистински Бог и да го исполнуваме Твојот закон, единствен кој е спасоносен. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

14 МАЈ

1. Св. мч. Исидор. Во времето на царувањето на Декиј, Исидор бил земен од островот Хиос насила во војска. Тој од малечко се држел до верата Христова и својот живот го поминувал во пост, молитва и добри дела. Па кога во војската се покажал како христијанин, војводата го зел на разговор и му советувал да се одрече од Христа и да им принесе жртва на идолите. Светителот одговорил: „Иако ми го убиеш телото, над душата моја немаш власт. Јас Го имам вистинскиот и жив Бог, Исуса Христа Кој и сега во мене живее и по мојата смрт ќе биде со мене; и јас сум во Него, и ќе останам во Него, и нема да престанам да Го исповедам Неговото свето име додека е духот во телото мое“. Војводата наредил, та најпрво го биеле Исидора со воловски жили, а потоа му го отсекле јазикот. Но и без јазик Исидор со Духот Божји говорел и Го исповедал името Христово. Меѓутоа, војводата го стасала казна Божја и тој одеднаш занемел. Немиот војвода најпосле дал знак да го исечат Исидора. А Исидор ѝ се израдувал на таа пресуда, па фалејќи Го Бога, излегол на губилиштето каде што му била отсечена главата во 251 година. Неговиот другар Амониј го погребал неговото тело, но за тоа и самиот пострадал и примил маченички венец.

2. Преп. Серапион Синдонит. „Синдон“ значи крпа платно. Синдонит бил завикан овој светител, бидејќи својата телесна голотија ја криел само со една крпа од платно. Во раката носел ***Евангелие***. Серапион живеел како птица без покрив и без грижа, преминувајќи од едно место на друго. Својот синдон му го дал на еден бедник кој треперел на мразот, а тој останал сосема гол. Кога некој го прашал: „Синдоне, кој те соголи?“ Тој покажал на ***Евангелието*** и рекол: „Ова!“ Но потоа и ***Евангелието*** го дал за откуп на некој должен човек, кого доверителот го гонел во самица за долгот. Еднаш во Атина четири дена не јадел ништо, бидејќи немал и почнал да вика од глад. Кога го прашале атинските филозофи зошто вика, тој одговорил: „На тројца им

бев должен; двајца подмирив, а третиот уште ме мачи. Првиот заемодавец е телесната похота, која ме мачеше од младоста; вториот беше среброљубивоста, а третиот стомакот. Оние двајца ме оставија, уште овој третиот ме мачи". Философите му дале златник да купи леб. Тој отишол кај фурнаџијата, зел само еден леб, го оставил целиот златник и си отишол. Во својата старост мирно Му се претставил на Господа во V век.

3. Блажен Исидор Јуродив заради Христа. Германец по потекло. Доаѓајќи во Ростов, ја возљубил верата православна, па не само што станал член на православната црква туку го зел на себе подвигот на јуродивство. Одел целиот во партали. Денот го поминувал покажувајќи се безумен и со безумието ги учел луѓето, а ноќта ја поминувал во молитва. Ноќевал во една колиба од гранки, која сам ја направил во некое калиште. Големи и страшни чуда покажал овој светител и за животот и по смртта. На еден трговец, кој бил исфрлен од лаѓата и се давел во морето, му се јавил Исидор одејќи по водата и го извадил на брегот. Кај кнезот Ростовски одеднаш пресушиле сите садови со вино кога слугите негови го избркале Исидора од пред врата и не му ја дале ни побараната чаша со вода. Кога умрел, во 1484 година на 14 мај, во својата колиба, целиот Ростов замирисал со некој прекрасен мирис. Оној трговец, кого Блажениот го спасил од морето, му подигнал црква на она место каде што му била колибата.

РАСУДУВАЊЕ

Гревот што им служи на другите како соблазна е двоен грев. Благоразумниот човек внимава со својот гревовен пример да не соблазни никого и да не го наведе на грев. Свети Амвросиј ја пофалува таквата благоразумност на раноупокоениот цар Валентинијан, наведувајќи ги овие примери од неговиот живот: „Кога царот слушнал дека се зборува во Рим за него како за страстен ловец и љубител на ѕверови – што тој всушност и не бил – и како таа страст го

одвлекува царот од државните задачи, тој веднаш наредил да се убијат сите ѕверови во неговата градина. Кога повторно слушнал дека некои злобници шират глас за него дека рано руча (сакајќи со тоа да го претстават како ненаситен), тој си наложил на себе многу тврд пост и тајно и јавно. При јавните ручеци ретко го гледале дека каснува нешто. Кога повторно неговите сестри се расправале со некој човек околу некој имот, царот, иако имал право да пресуди, тој предмет го испратил кај јавниот суд за да не му се префрли дека е пристрасен". Навистина овој побожен цар со голем страв го почитувал словото Господово: „Тешко на оној кој ќе соблазни еден од овие малите".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за дејството на Бога, Светиот Дух врз апостолите, и тоа:

1. како Светиот Дух ги води апостолите низ тешкотии и маки, исполнувајќи го нивното срце со утеха и со радост;

2. како Светиот Дух прави да расте семето евангелско што апостолите го сеат по светот, дури и таму каде што изгледа дека е залудно фрлено.

БЕСЕДА
за Христа како Давидов подмладок

Во тие дни и во тоа време ќе благословам на Давида да му израсте Подмладок на правдата, и Он ќе изврши суд и правда на земјата (Јерем. 33:15).

Со овие зборови свети пророк Јеремија го прорекол доаѓањето на Спасителот на светот од коленото Давидово. Вистинскиот Подмладок е самиот Господ Исус Христос. На никој друг овие зборови не можат да се однесуваат бидејќи

во времето на доаѓањето на Господа Исуса на ерусалимскиот престол не седел повеќе кнез од Давидовото колено, туку туѓинец, Ирод Идумеецот. Ниту пак од тогаш до денес беше некој друг познат подмладок од Давида, ниту како световен, ниту како духовен владател. Во времето на раѓањето Христово беа уште само неколку лица од Давидовото племе, и тоа непознати и осиромашени. Во нив се вбројуваа и Пресвета Дева и праведниот старец Јосиф, дрводелецот. Значи, јасно е дека, за изминатите илјади години, откако е изречено ова пророштво, не се појавил некој друг величествен подмладок од коленото Давидово, освен самиот Господ Исус. Ова постанува уште појасно од следните зборови: „Како што не може да се изброи небесната војска, ниту да се измери морскиот песок, така ќе го умножам семето на Давид, Мојот слуга, и Левитите, своите слуги“. Овие зборови можат да се однесуваат само на духовните потомци на Давида преку Христа Господа, т.е. христијаните, бидејќи само бројот на христијаните (а никако телесните потомци Давидови, кои воопшто и ги нема) за овие 20 века можат да се мерат со ѕвездите на небото и со песокот во морето.

О браќа мои, да се радуваме што и ние христијаните се вбројуваме во овој народ Божји, во овој најголем народ во историјата на светот, како според бројот, така и според карактерот. Уште повеќе да се радуваме што и ние припаѓаме на овој божествен Подмладок Давидов, кој со Својата крв нè искупи од туѓина и нè посвои и нè направи наследници и сонаследници на вечното Царство. Господи, преблаг, Ти си нè избавил нас, блудните синови и свињарското понижување и гладување и си нè направил Царски синови. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

15 МАЈ

1. Преп. Пахомиј Велики. Родум е Египќанец и во младоста незнабожец. Како војник учествувал во војната на Константин против Максенциј. Потоа, дознавајќи од хри-

стијаните за единиот Бог и видувајќи го нивниот благочестив живот, Пахомиј се крстил и отишол во тиваидската пустина кај познатиот подвижник Паламон, кај кого 10 години се учел на подвижнички живот. Тогаш му се јавил ангел во облека на схимник, на местото наречено Тавенисиот, и му дал штичка на која бил напишан устав за отшелнички манастир, наредувајќи му таков манастир да устрои на тоа место, проречувајќи му дека во тој манастир ќе се стекнат многу иноци заради спасението на душите. Послушувајќи го ангелот Божји, Пахомиј почнал да прави многу келии, иако на тоа место немало никој освен него и неговиот брат Јован. Кога братот го укорил за тоа што прави непотребни згради, Пахомиј просто му рекол дека тој ѝ последува на заповедта Божја без оглед кога и кој ќе дојде тука да живее. Но наскоро се слеале на тоа место многу луѓе покренати со Духот Божји и почнале да се подвизуваат според Пахомиевиот устав, добиен од ангелот. И кога бројот на иноци се зголемил, Пахомиј постепено основал уште 6 манастири. Бројот на неговите ученици изнесувал до 7000. Св. Антониј се смета за основател на отшелничкиот живот, а св. Пахомиј на манастирското општожитие. Смирението, трудољубието и воздржанието на овој свет отец било и останало редок пример за поддржување на огромниот број монаси. Безбројни чуда направил св. Пахомиј, но и безбројни искушенија претрпел од демоните и од луѓето. И им послужил на луѓето како татко или брат роден. И мнозина поттикнал да појдат по патот на спасението. И многумина ги упатил на патот на вистината. Бил и останал големо светило на Црквата и голем сведок на вистината и правдата Христова. Се упокоил мирно во 348 година, во 74. година од својот земен живот. Мнозина од неговите ученици Црквата ги вброила во редот на светителите, како што се: Теодор, Јов, Пафнутиј, Пекузиј, Атинодор, Епоних, Сур, Псој, Дионисиј, Псентаисиј и други.

2. Св. Ахил еп. Ларински. Овој голем ерарх и чудотворец бил роден во Кападокија. Учествувал на I вселенски собор, на кој ги посрамил еретиците и, како со својата уче-

ност така и со светоста, предизвикал големо восхитување. Земајќи еден камен, Ахил им довикнал на ариевците: „Ако е Христос создание Божјо, како што вие велите, кажете, од овој камен нека потече елеј!“ Еретиците молчеле и се чуделе на таквиот повик на св. Ахил. Тогаш светителот пак рекол: „А ако е Синот Божји рамен на Отецот, како што ние веруваме, нека потече елеј од овој камен“. И елејот навистина потекол на восхитување на сите. Св. Ахил се упокоил мирно во Лариса, во 330 година. Самоил, царот македонски, кога ја освоил Тесалија ги пренесол моштите на св. Ахил во Преспа на островот во езерото, кој се нарече и денес се вика Ахил или Аил.

3. Преп. Силуан. Прво бил комедијант, глумејќи ги сите и секого. Потоа, загреан со љубовта Христова, му постанал ученик на св. Пахомиј. „Готов сум да го дадам својот животот, говорел св. Силуан, само да добијам прошка на гревовите“.

РАСУДУВАЊЕ

Кога насилникот извршува насилство над праведникот од користољубие, тогаш насилството донесува една полза и една штета, и тоа: штета на насилникот, а полза на тој што страда насилно. Годунов го убил осумгодишниот цар Димитриј за да завладее со престолот без наследник. Брзо завршиле и царските денови на Борис и насилникот се предал на скапување и проклетство, а Димитриј се посветил. По 15 години лежење во гробот, телото на Димитриј било откопано и било најдено нетлено и чудотворно. И над неговото тело се случиле 45 чудни исцелувања. Значи, чија е штетата а чија е ползата од насилството? Кога насилникот би помислил дека со своето насилство ќе му помогне на противникот да се вброи во светителите и дека за себе ќе добие погибел и проклетство, тој би отстапил од замисленото насилство. Но лошата помисла е претеча и сопатник на насилството.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за дејството на Бога, Светиот Дух врз апостолите, и тоа:

1. како со Светиот Дух апостолите добиваат виденија на тајните на оној свет;

2. како со светиот Дух апостолите проѕираат во тајните на човечкото срце.

БЕСЕДА

за проречената и случена пропаст на египетските идоли

И светилиштата на египетските богови ќе ги изгори со оган (Јерем. 43:13).

Кој ќе го изгори тоа? Навуходоносор, царот вавилонски, Мојот слуга, говори Господ. Ова пророштво се остварило: Навуходоносор го покорил Египет и куќите на лажните богови, идолите египетски, ги изгорел со оган. Ги изгорел, но не ги уништил засекогаш. Бидејќи потоа дошло пропаст и на Вавилон, пак според пророштвото на светиот пророк Еремија, и Вавилон постанал и до денес останал, купиште на урнатини, живеалиште на чакали, за ужас и за потсмев, без жители (51:37). Но во преданието, што го запишал свети Епифаниј Кипарски, останало и едно друго пророштво на Јеремија за крајното разорување на египетските идоли. „Сите идоли ќе паднат, гласи тоа пророштво, и сè што е со раце направено ќе се разурне во она време кога ќе дојде ваму Дева Мајката со Младенецот, роден во пештера и положен во јасли“. И ова пророштво го сочувале самите египетски вражари, кои уште во времето на Еремија завеле обичај да ја сликаат Дева како се одмора на постелата и Нејзиниот Младенец како лежи повиен со пелени во јаслите.

Навуходоносор, слугата, можел, според Божјо допуштање, само да го коси злото, но не и да го искоренува. Но покосеното зло, како и покосената трева, повторно расте. А кога дошол Господарот на Земјата, тој го корнел злото од коренот. Навуходоносор, слугата, ги изгорел храмовите и ги искршил идолите, но храмовите повторно се обновени и се направени нови идоли, бидејќи не биле истргнати од човечките души. А кога дошол Господарот и се зацарил во душите на Египќаните, храмовите и идолите засекогаш паднале. Исто така е и со непослушните и богоборните Евреи: Навуходоносор, слугата, ги одвел во ропство од 70 години, а навредениот Господар ги расеал по целиот свет, каде што се и денес расеани, по скоро 2000 години. Тоа раселување на еврејскиот народ по целиот свет го прорекол Еремија. И така времето го оправдало Божјиот пророк во сите негови зборови.

Господи, Кој сè гледаш, дај ни да се придржуваме кон зборовите на Твојот вистински пророк. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

16 МАЈ

1. Преп. Теодор Освештен. Ученик е на св. Пахомиј. Роден и пораснат како незнабожец, но како момче дошол до сознание на вистинската вера, се крстил и, слушнувајќи за св. Пахомиј, отишол кај него во манастир тајно од своите родители. Св. Пахомиј го замонашил и го возљубил поради неговата необична ревност и послушност. Кога дошла мајка му да го вика назад дома, тој не сакал ни да ѝ се јави, но Му се молел на Бога за неа, за Бог и неа да ја просвети со вистината. И навистина, мајката не само што не го вратила својот син дома, туку и самата не се вратила. Видувајќи недалеку женски манастир, со кој управувала сестрата на Пахомиј, таа стапила во него и се замонашила. После извесно време, во манастирот дошол и братот на Теодор, Па-

фнутиј, та и тој се замонашил. Се случило еднаш епископот на градот Панопол да го повика св. Пахомиј да му устрои манастир за мнозината кои што го пожелувале монашкиот живот. Пахомиј го зел со себе Теодора и му ја предал должноста околу устројувањето на манастирот. По смртта на св. Пахомиј, Теодор станал игумен на сите Пахомиеви манастири и до длабоката старост поживеал богоугодно, управувајќи го мноштвото монаси на патот на спасението. Се упокоил мирно и се преселил во Царството на вечната светлина во 368 година.

2. Блажена девица Муза. За неа кажува св. Григориј Двоеслов, дека била само девет години стара кога на двапати ѝ се јавила Прасвета Богородица, опкружена со светли девици. Кога Муза ја изјавила желбата и таа да биде во така светлата придружба на Царицата Небесна, Богородица ѝ рекла дека по еден месец ќе дојде по неа и ќе ја земе. Уште ѝ укажала како треба да живее тие 30 дена. Дваесет и петтиот ден Муза паднала во постела, а на триесеттиот дена пак ѝ се јавила Светата Пречиста, викајќи ја со тивок глас, на што Муза одговарала: „Еве ме идам, Госпоѓо, еве ме идам!“ И го испуштила духот свој. Преминала од овој во вечниот живот во V век.

3. Св. Никола Мистик патријарх Цариградски. Се прославил со необичната строгост во животот. Царот Лав се оженил по четврти пат, поради што патријархот му го забранил влезот во црквата, а свештеникот кој го венчал го расчинил. Поради тоа царот го симнал патријархот и го отерал во манастир. Делегатите на римскиот папа Сергеј III му го одобриле четвртиот брак на царот. Но кога царот умрел, Никола повторно дошол на престолот патријаршиски и свикал собор во 925 година, на кој четвртиот брак воопшто на христијаните им бил забранет. Мистик – го означува најстариот член на царскиот совет. Значи, прво овој светител бил дворјанин со висок чин, потоа ја оставил суетата на светот и се замонашил. Завршил мирно во 930 година.

4. Св. Новомч. Николај. Родум е од Епир. За верата Христова бил мачен од Турците и бил исечен во Трикала во

1617 година. Главата на овој маченик се чува и денес во еден од метеорските манастири во Тесалија. Прави многу чуда, ги лекува најтешките болести, а особено е познато дека ги прогонува скакулците од нивите.

5. Преп. мч-ци Саваити. Во времето на царот Ираклиј, околу 610 година, пострадале за верата Христова 44 монаси од обителта на св. Сава Освештен крај Ерусалим. Нивното јунаштво и страдање го опишал очевидецот св. Антиох (види 24 декември).

РАСУДУВАЊЕ

Кога Теодор Освештен бил во Панопол со својот духовен отец св. Пахомиј, му дошол некој филозоф и му се понудил да се препира со него за верата. Филозофот му ги поставил овие прашања на Теодор: „Кој не се роди а умре? Кој се роди а не умре? И кој умре, но не се распадна?“ Св. Теодор на овие прашања одговорил: „Адам не се роди а умре“. „Енох се роди а не умре“. „Жената на Лот умре, но не се распадна“. Светителот му го додал и овој совет на филозофот: „Послушај го ти нашиот здрав совет: остави ги бесполезните прашања и схоластичките силогизми, пристапи кон Христа, на Кого ние Му служиме, и ќе добиеш опростување на гревовите“. Филозофот занемел од таквиот остроумен одговор и посрамен се оддалечил. Од ова јасно се гледа огромната разлика помеѓу еден незнабожечки филозоф и еден христијански светител. Оној се губи во апстракциите, во вештото превртување на зборовите, во логичните загатки, во мислениот спорт, додека овој го упатил целиот свој ум на живиот Бог и на спасение на својата душа. Оној е апстрактен и мртов, овој е практичен и жив.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за дејството на Бога, Светиот Дух врз апостолите, и тоа:

1. како Светиот Дух чудно ги управувал нозете на апостолите по далечните земји;

2. како чудно од далечните земји ги собрал во Ерусалим на погребот на Пресвета Богородица.

БЕСЕДА
за јавувањето на пророкот Јеремија од оној свет

Потоа се појавил еден друг маж, украсен со бели коси и со болскот, окружен со чудна и необична величественост. А Онијрекол: „Овој е братољубецот Јеремија, Божјиот пророк кој се моли многу за народот и за светиот храм“ (II Макав. 15:13–14).

Ова е видението на храбриот Јуда Макавеј. Прво од оној свет му се јави Онија архијерејот, а потоа светиот пророк Јеремија. Како што Мојсеј и Илија биле видени во слава од апостолите на Таворската Гора, така некогаш Јуда Макавеј го видел во слава пророкот Јеремија. Значи, ниту пред воскреснатиот Христос милостивиот Бог не ги оставал луѓето без сведоштво за животот по смртта. Во христијанско време, пак, тие сведоштва се безбројни и бескрајни. Кој и по сето тоа се сомнева во животот по смртта, тој стои под проклетство на својот грев како под надгробна плоча. И како што мртвите работи не можат да ја видат светлината на денот, така ни тој не може да го види животот што постои и кој нема крај.

Но, погледнете, со каква слава е овенчан пророкот Јеремија во оној живот! Чудесен, белокос и со слава! Околу него некоја неопишана големина, некој светол ореол, некоја неискажана пријатност и убавина; тој, кој бил влечен и биен од луѓето на кои им ја соопштувал Божјата волја, и кој бил стеснуван во темница и маченик во смрдлива дупка, и кој бил како лажливец исмејуван и како предавник суден, и

најпосле како престапник со камења убиен! Но еден е судот на грешниците, а друг е Божјиот суд. Најпонижениот помеѓу луѓето кај Бога постанал овенчан со ангелска слава.

И уште погледнете како небото го нарекува оној кого земјата го нарекла лажливец, предавник и престапник! Братољубец – така го нарекува небото. Братољубец кој се моли многу за народот свој. Видете, најпосле, како светителите на небесата се молат многу за нас на Бога! Не спиејќи, тие се молат за нас кога спиеме; не јадејќи, тие се молат за нас кога јадеме и кога се прејадуваме; не грешејќи, тие се молат за нас кога грешиме. О браќа, да се посрамиме од толкуте светителски молитви за нас и да им се придружиме на нивните молитви. Господи чуден, опрости ни ја грешната мрзеливост и нашата отапеност. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

17 МАЈ

1. Св. ап. Андроник. Еден е од седумдесетмината. Роднина е на св. ап. Павле, како што пишува самиот ап. Павле (Рим. 16,7), споменувајќи ја и светата Јунија, помошничката на Андроник. Андроник бил поставен за епископ на Панонија, но не живеел на едно место, туку го проповедал *Евангелието* по цела Панонија. Со светата Јунија тој успеал мнозина да ги приведе при Христа и да разори многу идолски храмови. Обајцата имале благодатна сила на чудотворство, со која демони изгонувале од луѓето и ја исцелувале секоја немоќ и секоја болест. Обајцата пострадале за Христа и така примиле двоен венец: и апостолски и маченички. Нивните свети мошти се најдени во пределите на Евгенија (види, 22 февруари).

2. Св. мч. Солохон. Родум бил Египќанец и римски војник под војводата Кампан, во времето на нечестивиот цар Максинијан. Кога дошла царската наредба сите војници да им принесат жртви на идолите, Солохон се изјаснил како христијанин. Тоа истото го направиле и двајца негови дру-

гари: Памфамир и Памфалон. Војводата наредил, та ги биеле и мачеле со страшни маки, под кои издивнале св. Памфамир и св. Памфалон. Солохон останал уште жив и бил ставен на нови маки. Така, војводата им наредил на војниците со меч да му ја отворат устата и да му стават од идоложртвеното. Маченикот со забите го скршил железото и не ја примил во себе смрдената идолска жртва. Најпосле му проболе перо за пишување во обете уши и така го оставиле да умре. Христијаните го зеле маченикот и го однесле во домот на вдовицата, каде што малку се закрепнал со јадење и со вода, па продолжил да ги советува верните да бидат истрајни во верата и во маките за верата. После тоа, Му воздигнал благодарност на Бога, го завршил својот земен живот и Му се претставил на Господа во Царството Небесно во 298 година.

3. Св. Стефан патријарх Цариградски. Син бил на царот Василиј Македонецот и брат на царот Лав Мудриот. На престолот патријаршиски дошол после св. Фотиј и управувал со Црквата Божја од 889 до 893 година. Мирно завршил и се претставил пред Господа, Кого многу Го љубел.

РАСУДУВАЊЕ

По страшниот земјотрес во Антиохија, Златоуст му говорел на народот: „Големи се плодовите на земјотресот. Погледнете го човекољубието на Господа, Кој го потресува градот и ја утврдува душата, Кој ги колеба темелите и ги закрепува помислите, Кој ја покажува слабоста на градот и ја прави волјата силна! Сврти го вниманието на Неговото човекољубие: Он поколеба за малку – а утврди засекогаш; земјотрес – за два дена, а благочестието треба да остане за цело време; се ожалостивте накратко – а се утврдувате за навек... Мајката сакајќи да го одвикне својот младенец од навиката често да плаче, силно ја затресува неговата лулка, не за да го погуби, туку да го исплаши. Точно така и Господарот на сè, Кој ја држи во Своите раце Вселената, ја потре-

сува не затоа за да ја разурне, туку да ги обрати кон спасение оние (луѓе) кои живеат незаконски". Ете како светите отци, столбовите на Вселенската црква, знаеле да го објаснат човекољубието Божјо и несреќата, исто онака како и благодејанијата и несреќата, исто онака како и среќата. Да се посрамиме ние, кои сме спори во благодарноста кон Бога кога Бог ни дава и кога сме брзи во роптаењето на Бога кога Бог ни зема.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за дејството на Бога, Светиот Дух, врз светите маченици за верата, и тоа:

1. како Светиот Дух им дава мудрост да говорат пред судовите;
2. како Светиот Дух им дава храброст да гинат на губилиштата.

БЕСЕДА
за Светиот Дух Утешителот

А Утешителот, пак, Духот Свети, Кого што Отецот ќе го испрати во Мое име, Он ќе ве научи на сè и ќе ви напомни за сè што сум ви зборувал (Јн. 14:26).

Што значат практично овие зборови, ако не дека треба секој ден да се молиме за да ни го испрати Светиот Дух исто онака како што се молиме секој ден за лебот насушен? Бог сака секој ден да ни го испрати Светиот Дух, но Он бара од нас секој ден да се молиме за Светиот Дух. Бидејќи, како што во поглед на лебот се случува час изобилие, час недостаток, така бидува и во поглед на Светиот Дух. Светиот Дух ни доаѓа и си оди од нас, како кога, сходно на нашата ревност или мрзеливоста во молитвата, сходно на добрите

дела и трпението. Затоа Црквата востановила првото утрено богослужение да почнува со призивање на Светиот Дух: „Цару небесен, Утешителу, Духу на вистината, прииди...“, а потоа доаѓа молитвата: „Лебот наш насушен дај ни го!“ Зошто? Затоа што без Светиот Дух ние не умееме ни лебот да го употребиме како што треба за нашето спасение.

„Он ќе ве научи на сѐ“. Односно, секој ден и секоја ноќ според приликите во кои ќе се најдете. Он вас ќе ве упати, ќе ве посоветува, ќе ве научи што треба да мислите, што треба да говорите, што треба да правите. Затоа просете Го од Бога само Светиот Дух, а останатото Он ќе го донесе со себе, сѐ што во тој момент ви е потребно. Кога ќе слезе Он на вас, вие сѐ ќе знаете, сѐ ќе умеете, сѐ што е потребно ќе можете да го направите.

„И ќе ви напомени за сѐ што сум ви зборувал“. Односно, не плашете се дека ќе ја заборавите мојата наука и моите зборови. Светиот Дух знае сѐ што знам и Јас, та кога Он ќе биде присутен во вас и сета моја наука ќе биде присутна во вас заедно со Него.

О Господи, Духу Свети, благоволи да слезеш на нас не според нашата заслуга, но по заслугата на Господа Исуса и според Твојата бескрајна благост. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

18 МАЈ

1. Св. мч. Теодот и седум девојки маченички: Текуса, Александра, Клавдија, Фаина, Ефрасија, Матрона и Јулија. Теодот бил оженет и бил гостилничар во Анкира за време на царот Диоклецијан. Иако бил оженет, живеел според словото апостолско: „времето натаму е кратко, та оние што имаат жена да бидат како да ја немаат“ (1. Кор. 7,29). А гостилницата ја држел за да може незабележливо што подобро да им помага на христијаните. Неговата гостилница им била прибежиште на гонетите верни. Теодот тајно им испраќал помош на разбеганите христијани по планините и тајно ги

собирал телата на загинатите и ги погребувал. Во тоа време биле изведени на суд и мачени за Христа седум девојки: биле мачени, исмевани и најпосле потопени во езерото. Една од нив, св. Текуса, му се јавила на сон на Теодот и му рекла да ги извади нивните тела од езерото и да ги погреби. Во темната ноќ Теодот отишол со еден другар да ја исполни волјата на маченичката и воден од ангел Божји успеал да ги најде сите седум тела и да ги погреби. Но тој другар го издал на судијата и судијата го ставил на тешки маки. Сите маки Теодот ги трпел како да бил во туѓо тело, имајќи го целиот свој ум задлабочен во Господа. Кога мачителот му го претворил целото тело во рани и забите со камења му ги здробил, наредил со меч да се исече. Кога бил изведен на губилиштето, мнозина христијани плачеле по него, а св. Теодот им говорел: „Не плачете, браќа, по мене туку прославете Го нашиот Господ Исуса Христа Кој ми помогна да го завршам подвигот и душманот да го победам“. Кажувајќи го тоа, ја положил својата глава на трупчето под мечот и бил исечен во 303 година. Некој свештеник чесно го погребал телото на маченикот на едно возвишение надвор од градот. На тоа место подоцна бил подигнат храм во името на св. Теодот.

2. Св. мч-ци Петар, Дионисиј, Андреј, Павле и Христина. Петар – прекрасно момче. Дионисиј – угледен маж, Андреј и Павле – војници и Христина – шеснаесетгодишна девица, сите Го исповедале храбро Христа Господа и поднесле маки и смрт за Неговото име. Некој Никодим, кој со нив бил мачен, се одрекол од Христа насред маките и одеднаш се симнал од умот, па како бесен го гризел своето тело и фрлал пена низ устата додека не издивнал. Тоа било во 250 година.

3. Св. мч-ци Ираклиј, Павлин и Венедим. Биле атињани. Пострадале за верата во времето на Декиј. За Името Христово биле изгорени во огнена печка.

РАСУДУВАЊЕ

Да се скријат добродетелта и својот подвиг било обичај кај подвижниците и подвижничките не само во првите времиња на христијанството, туку и низ сите векови до нашиве дни. Евдокија, жената на славниот кнез Димитриј Донски, ослободителот на Русија од Татарите, останала вдовица во 1389 година и тоа сè уште многу млада. Целата проникната со благочестие, оваа кнегиња ѕидала храмови, делела милостина, тајно го измачувала своето тело со пост и со бдение. До телото носела железни синџири. Меѓутоа, пред светот секогаш била насмеана, облечена во раскош, накитена со бисери. Светот сешто зборувал за неа: почнале да се пронесуваат гласови за нејзиниот неморален живот. Тоа го слушнале и нејзините синови, па навредени и налутени отворено ѝ рекле на мајката што се зборува за неа. Мајката ја разотворила својата раскошна облека и синовите со ужас го виделе нејзиното тело сосема исушено и ослабено, стегнато со железните синџири.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за дејството на Бога, Светиот Дух врз мачениците, и тоа:

1. како Светиот Дух им испраќа утеха во страданијата;

2. како понекогаш, според Својата волја, ги прави нивните тела несогорливи.

БЕСЕДА
за сведоштвото на Светиот Дух

Духот на вистината, Кој излегува од Отецот, Он ќе сведочи за Мене (Јн. 15:26).

Бог Син Го испраќа во светот Бог Светиот Дух да сведочи за Него до крајот на времињата. *Он ќе сведочи за Мене*. Како ќе сведочи Бог Дух за Бог Синот? Ќе сведочи на многу начини, и тоа:

– привлекувајќи ги човечките души кон Црквата Христова;

– отворајќи ја смислата на ***Светото писмо***;

– доведувајќи ги на ум заповедите Христови;

– давајќи им топлина, свежина, сила и милина на зборовите Христови;

– обраќајќи ги покајаните грешници во праведници;

– исполнувајќи ги сите ветувања и пророштва Христови на луѓето, на народите и на Црквата Божја;

– утврдувајќи ја Црквата Христова и одржувајќи ја силна против сите бури на времињата и сите адски и човечки злоби низ вековите.

Духот Кој дејствува на овие и на многу други слични начини е Дух Божји, Дух на вистината, благ, животворен и сесилен.

Ниеден Христов збор не се противи на Духот Божји, ниту Духот Божји се противи на некој Христов збор. Затоа, кога Духот Божји ќе благоволи да се всели во човековото срце, Он постанува жив и нелажен сведок за сè што рекол и што направил Христос. И човекот тогаш верува радосно и непоколебливо. Бидејќи како да не Му верува на најголемиот и најтрајниот Очевидец и Соучесник на сите зборови, на сите чуда и на сите дела Христови?

Затоа, браќа мои, да се молиме пред сè и над сè, овој Очевидец и Соучесник, Духот Свет и Сесилен, да се всели во нашите срца за верата наша да постане жива, непоколеб-

лива и радосна. О Боже, Свети Дух, Духу на вистината, пријди и всели се во нас. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

19 МАЈ

1. Свешт-мч. Патрикиј еп. Бруски со тројцата презвитери: **Акакиј, Менандар и Полиен.** Пострадале за верата Христова во времето на Јулијан Отстапникот во Бруса Азиска. Царскиот наместник Јуниј ги довел овие светители до врелите води и го прашал Патрикија: „Кој ги создаде овие лековити води, зар не нашите богови Ескулап и другите, на кои ние им се поклонуваме?“ Св. Патрикиј одговорил: „Вашите богови се демони, а овие води како и сѐ останато, ги создал Христос, нашиот Господ и Бог“. Тогаш наместникот прашал: „А дали твојот Христос ќе те спаси, ако јас те фрлам во оваа врела вода?“ Светителот одговорил: „Ако сака, може да ме сочува цел и неповреден, иако јас пожелувам во таа вода да се разрешам од овој временски живот и со Христа вечно да живеам; но нека биде врз мене Неговата света волја, без која ни влакното не паѓа од главата на човекот!“ Слушнувајќи го ова, наместникот наредил, та Патрикија прво го фрлиле во врелата вода. Врелите капки прснале на сите страни и ги изгореле остро многумината присутни, но светителот Божји, на чиј јазик била непрестајната молитва, останал неповреден како да стоел во студена вода. Видувајќи го ова, наместникот се разјарил од срам и наредил на Патрикиј и на останатите тројца негови презвитери да им се отсечат главите со секира. Тогаш овие незлобливи следбеници Христови прочитале молитва, ги положиле своите глави под секирата џелатска. Кога им биле отсечени главите, нивните души весели се вознесле во светлото Царство Христово вечно да царуваат.

2. Св. Јован еп. Готски. Бил епископ во Грузија, но кога тамошниот каган татарски почна да ги мачи христијаните, тој се оддалечил четири години меѓу Готите во Беса-

рабија. (готската епархија била образувана за време на св. цар Константин Велики.) Слушнувајќи за смртта на каганот, се вратил на својата служба и го раководел својата паства ревносно и богоугодно. Пред својата смрт, рекол: „По 40 дена заминувам да се судам со каганот“ (т.е. низ смртта оди пред престолот Божји). И така било. На четириесеттиот ден се претставил и отишол при Господа. Се упокоил мирно во VIII век.

3. Св. кнез Јован Вологотски. Чудотворец. Богобојазлив и благочестив, од мал тој од својот стрико, кнезот Јован Василевич, бил фрлен во самица со својот брат Димитриј, каде поминале полни 32 години. Пред смртта, Јован се замонашил и го добил името Игнатиј.

РАСУДУВАЊЕ

Великите ерарси, столбовите на Православната црква, умееле да ги соединат во својот карактер кроткоста и решителноста, кроткоста кон праведните и покајниците, а решителноста кон непокајаните крвници. Една недела, по светата служба, царот Иван Грозни се приближил кон митрополитот Филип за да добие благослов. Митрополитот се преправал дека не го гледа царот и гледал во иконата на Спасителот. Тогаш придружникот на царот му се приближил на митрополитот и му рекол: „Владико, господарот е пред тебе, благослови го!“ Митрополитот погледнал кон царот и рекол: „Господару, плаши се од судот Божји: ние овде принесуваме бескрвна жртва на Бога, а зад олтарот се пролева христијанска крв. Колку невини страдалници! Ти си висок на престолот, но сепак си човек!“ Разлутениот цар го опоменувал митрополитот да молчи, но митрополитот му рекол: „Каде е мојата вера, ако јас молчам?“ Кога царот почнал да му се заканува, тој мирно одговорил: „Јас сум дојденец и гостин на земјата и подготвен сум да пострадам за вистината!“ По некое време, лошиот цар го удавил митрополитот, но не го удавил светителот.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Бога, Светиот Дух како вдахновувач на мудроста и вистината, и тоа:

1. како Он ги вдахнал со мудрост и вистина пророците, евангелистите и апостолите кои го напишале ***Светото писмо*** според Негово вдахновение и раководство;

2. како Он ги вдахнал со мудрост и вистина светите отци кои го толкувале ***Светото писмо*** според Негово вдахновение и раководство.

БЕСЕДА
за светите Божји луѓе

Туку светите Божји луѓе зборувале просветувани од Светиот Дух (II Петр. 1:21)

Ова го сведочи оној кој и самиот бил свет Божји човек, апостолот Петар, каменот на верата и витезот на крстот. Како свет Божји човек, тој ,според своето сопствено искуство, објаснува како говореле и како говорат светите Божји луѓе и вели: „Зборувале просветувани од Светиот Дух“. Значи, тие не говореле според своето умување, ниту според своето паметење, ниту според своето учење, ниту според својата зборливост, туку говореле од Духот и според Светиот Дух. Мудроста Божја се изливала преку нив и вистината Божја се откривала преку нив. ***Светото писмо*** не го напишало лажливото писателско перо (Јерем. 8:8), туку го напишале слуги и избраници на Светиот Дух. Ниту ***Светото писмо*** го пишувале луѓе на кои пишувањето им било занает, туку го пишувале светители Божји, упатени и вдахновени од Божјиот Дух да пишуваат. Честопати и не сакајќи, па дури и противејќи се, тие морале да пишуваат, како што сведочи свети пророк Јеремија, говорејќи: „Па се сетив, нема веќе да споменувам за Него (Бога), ниту ќе зборувам во Не-

гово име; но во срцето како да имам распален оган, затворен во коските мои и се измачував да го задржам, но не можев“ (20:9).

О браќа мои, браќа, ***Свето̄то пӣсмо*** не е од човекот туку од Бога, не е од земјата туку од небото, не е од телото туку од духот, да, од Божјиот Свет Дух. Светите Божји луѓе пишувале вдахновени од мудроста и вистината на Светиот Дух: пророците и евангелистите, апостолите и отците, учителите и ерарсите, како и пастирите.

О Боже, Духу Свети, Духу на Мудроста и на Вистината вдахни нѐ со твојот животворен Дух за да ја познаеме Мудроста и Вистината, и да ја исполниме со Твоја помош. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

20 МАЈ

1. Св. мч. Талалеј. Родум е од Либан, од татко Верукиј и мајка Ромилија; осумнаесетгодишно момче, лично по изглед и телесен раст, со жолтоцрвена коса. По занимање лекар. Пострадал за Христа во времето на царувањето на Нумериј. Кога храбро ја исповедал својата вера во Христа Господа пред судијата–мачител, овој им наредил на двајцата џелати, Александар и Астериј, со сврдел да му ги извртат колената, да провнат врвка низ продупчените коски и да го обесат на дрво. Но на џелатите некоја невидлива сила Божја како да им го одзела видот, та наместо Талалеја, тие издупчиле една штица и ја обесиле на дрвото. Кога ова го дознал мачителот, помислил дека џелатите намерно тоа го сториле, па наредил да ги удираат. Тогаш Александар и Астериј при удирањето повикале: „Жив ни Господ, отсега и ние постануваме христијани, веруваме во Христа и страдаме за Него!“ Како го слушнал ова мачителот, та наредил и со меч ги исекле. Тогаш самиот мачител го зел сврделот за сам да му ги продупчи колената на Талалеј, но му се фатиле рацете и тој го молел Талалеј да го спаси, што незлобливиот Христов маченик со молитва и го направил. Потоа бил фрлен во во-

да, но се јавил жив пред мачителот. (Бидејќи во себе Талалеј Го молел Бога да не умре веднаш, туку да му се продолжат маките). Кога бил фрлен пред ѕверови, ѕверовите му ги лижеле нозете и се умилкувале околу него. Најпосле бил обезглавен со меч и се преселил во вечниот живот во 284 година.

2. Св. мч. Аскалон. Пострадал во Антиној, египетски град, во времето на Диоклецијан. Бил биен, стружен, со свеќи нагоруван, но останал до крајот непоколебан во верата. Кога мачителот Аријан се превозувал со лаѓа преку Нил, Аскалон со молитва ја сопрел лаѓата на средина на реката и не ѝ позволил да се помрдне додека Аријан не напишал дека верува во Христа како во единствен и семоќен Бог. Но припишувајќи го тоа чудо на магијската вештина на Аскалон, мачителот заборавил што напишал и продолжил да го мачи Божјиот човек и понатаму. Најпосле на Аскалона му врзале камен за вратот и го фрлиле во реката Нил. Третиот ден христијаните го нашле телото на Аскалон на брегот заедно со каменот на вратот (како што пред смртта светиот маченик и им прорекол) и чесно го погребале во 287 година. Со него пострадал и св. мч. Леонид. А нивниот мачител Аријан подоцна се покајал, поверувал во Христа од сè срце и јавно почнал да ја искажува својата вера пред незнабожците. Тогаш незнабожците и него го убиле, па и Аријан, некогашниот мачител на христијаните, се удостоил со маченички венец за Христа.

3. Преп. Стефан Пиперски. Овој светител бил роден во едно никшиќко племе, во селото Жупа, од сиромашни но благочестиви родители, Родој и Јоакима. Според преданието, се подвизувал најнапред во манастирот Морача, каде што бил и игумен. Турците оттаму го протерале и тој се населил во Турман, Ровачки, на местото што сега се нарекува „Келиште“. После се преселил во Пипери во една келија, каде што до смртта останал во тежок и богоугоден подвиг. Се упокоил мирно во Господа на 20 мај 1697 година. Неговите мошти и сега почиваат тука и со многу чуда Го прославуваат Христа Бога и Божјиот угодник Стефан.

РАСУДУВАЊЕ

Кога човекот ќе се здобие со христијанска совест, тој се труди ревносно да го исправи својот живот и да Му угоди на Бога. Сè останато за него е малку важно. На пример, такви луѓе имаме и ние, не само помеѓу големите подвижници и духовници, туку и помеѓу самите силни цареви. Таков пример ни дава царот Теодосиј Велики, кој извесно време паднал во ерес, па потоа се покајал. Над неговото мртво тело говорел св. Амвросиј, неговиот поранешен изобличувач: „Го сакав овој маж, кој симнувајќи ги од себе царските ознаки, јавно во црквата го оплакуваше својот грев и со воздишки и со солзи просеше опростување. Од што простите се срамат, од тоа не се срамел императорот. По добивањето на славната победа (над непријателите на царството), тој решил да не приоѓа кон свето причестување сè до враќањето на неговите синови, само затоа што во борбата неговите непријатели биле поубиени“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Бога, Светиот Дух како вдахновувач на кроткоста и на благоста, и тоа:

1. како Он ги вдахновувал со кроткост и со благост подвижниците и испосниците низ сите векови;

2. како Он ги вдахновувал и денес ги вдахновува со кроткост и со благост сите вистински покајани души.

БЕСЕДА
за духот од овој свет и Духот од Бога

Но ние не го примивме духот од овој свет, туку Духот, Кој иде од Бога (I Кор. 2:12).

Духот на овој свет, браќа, е дух на гордост и суровост, а Духот Божји е Дух на кроткост и на благост. Апостолот Божји потврдува дека следбениците Христови не примиле дух од овој свет, туку дух што иде од Бога, т.е. што произлегува од Бога Отецот како благопријатна миризба од цветот, та како добар мирис се разлева по човековата душа, правејќи ја крепка, светла, спокојна, благодарна и умилна.

Луѓето по природа се кротки и благи. Св. Тертулијан пишува: „Човековата душа по природа е христијанка“. Но со духот на овој свет таа е разгалена и разбеснета. Духот на овој свет од овци прави волци, додека духот што иде од Бога од волци прави овци.

Апостолот уште додава дека сме примиле Дух Божји затоа „за да знаеме што ни е дарувано од Бога“. Значи, да познаеме што е во нас од Бога и што не е од Бога, и да ја осетиме сладоста од она што е од Бога и горчината од она што не е од Бога, туку од духот на овој свет. Додека човекот е надвор од својата природа, под својата природа, тој горчината ја смета за сладост, а сладоста за горчина. А кога со Духот Божји ќе се врати во својата вистинска природа, тогаш тој сладоста ја смета за сладост, а горчината за горчина.

Кој може човекот да го врати кон Бога? Кој може човекот да го излекува од отровноста на гревовната горчина? Кој може да го научи со опит да ја разликува вистинската сладост од горчината? Никој друг освен духот што иде од Бога.

Затоа, да се помолиме, браќа, Бог да ни Го дарува својот Свет Дух, како што Го дарувал на апостолите и на светителите свои. А кога тој Божји Свет Дух ќе дојде во нас,

ни дошло Царството Божјо во кое сè е само сладост, само добро, само светлина, само кроткост и само благост.

О Свети Духу, Духу на кроткост и на благост, прииди и всели се во нас. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

21 МАЈ

1. Св. цар Константин и царица Елена. Родители на Константина му биле царот Констанциј Флор и царицата Елена. Флор имал уште деца од втората жена, но од Елена го имал само Константин. Кога се зацарил, Константин имал три големи борби: една против Максенциј, тиранин во Рим, втората против Скит на Дунав и третата против Византијците. Пред борбата со Максенциј, кога Константин бил многу загрижен и се сомневал во својот успех, по еден ден му се јавил преблискав крст на небото целиот накитен со ѕвезди и на крстот било напишано: „Со ова победувај". Восхитен, царот наредил да се направи голем крст, сличен на оној што му се јавил и да се носи пред војската. Со силата на крстот, тој ја добил славната победа над бројно надмоќниот непријател. Максенциј се удавил во реката Тибар. Веднаш по тоа Константин го издал познатиот Едикт, во Милано во 313 година, да престанат гонењата на христијаните. Победувајќи ги Византијците, тој изградил прекрасен престолен град на Босфор, кој од тогаш е наречен Константинопол. Но пред тоа, Константин паднал во тешка нагрдна болест. Вражачите и лекарите му советувале како лек капење во крвта на заклани деца. Тој тоа го одбил. Тогаш му се јавиле апостолите Петар и Павле и му рекле да го побара епископот Силвестер, кој ќе го излекува од страшната болест. Епископот го поучил во верата христијанска и го крстил и грдотијата исчезнала од неговото тело. Кога настанал раздор во Црквата поради интригантот и еретик Ариј, царот го свикал „ I вселенски собор во Никеја во 325 година, каде што ереста била осудена, а православието утврдено. Света Елена, благочестивата мајка на царот, многу ревнувала за

верата Христова. Таа го посетила Ерусалим и го пронашла Чесниот Крст Господов, и соѕидала на Голгота црква посветена на Воскресението и уште многу други цркви по Светата земја. Во својата 80. година се претставила оваа света жена пред Господа, во 327 година, а цар Константин ја надживеал својата мајка за 10 години и се упокоил во својата 65. година, во 337 година, во градот Никомидија. Неговото тело било погребано во црквата на „Светите апостоли" во Цариград.

2. Преп. мч. Пахомиј. Родум е од Мала Русија. Во младоста го фатиле Татари и го продале на еден Турчин – кожар како роб. Поминал во ропство 27 години, во местото Усаки во Мала Азија. Насилно го потурчиле. Отишол на Света Гора, се замонашил и поминал 12 години во манастирот „Свети Павле". Се решил да пострада за Христа. Неговиот старец, духовникот Јосиф, го придружувал до Усаки, каде што Пахомиј му се јавил на својот поранешен господар како христијанин во монашка облека. Турците го ставиле на маки, потоа го фрлиле во темница и најпосле го обезглавиле на 8 мај 1730 година, на самиот ден на Вознесението. Од неговата крв и од моштите се случиле многу чуда. Погребан е на островот Патмос во црквата „Св. Јован Богослов". Така овој малоруски селанец постанал маченик и венценосец во царството Христово.

РАСУДУВАЊЕ

Дека порокот е нешто грешно и срамно гледаме и по тоа што тој секогаш се скрива и дека секогаш и постојано го зема на себе образот на добродетел. Св. Јован Златоуст добро вели: „Порокот нема свое сопствено лице, туку зема на заем лице на добродетел". Затоа Спасителот и рекол: „Доаѓаат во овча кожа, а однатре се волци грабливи" (Мт. 7:15). Наречи го лажливиот – лажливец, крадецот – крадец, убиецот – убиец, блудникот – блудник, клеветникот – клеветник и ќе ги огорчиш. Ако, пак, било кој човек го наречеш: чесен,

несебичен, вистинит, справедлив, совесен, ќе го озариш и ќе го задоволиш. Пак, според Златоуст, велам: „Добродетелта е нешто природно во човекот, додека порокот е нешто неприродно и лажно“. Ако некој човек и се фати во порок, тој брзо го оправдува својот порок со некоја добродетел и го облекува во рувото на добродетел. Навистина, порокот нема свое сопствено лице. Исто како и ѓаволот, кој е татко на пороците!

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Бога, Светиот Дух како вдахновувач на правдата, мирот и радоста, и тоа:

1. како Он ги вдахнувал со правда, мир и радост сите љубители на Христовата правда;

2. како Он ги вдахнувал, а и денес ги вдахнува со правда, мир и радост сите страдалници за правдата Христова.

БЕСЕДА
за децата Божји

Самиот Дух му сведочи на нашиот дух дека ние сме чеда Божји (Рим. 8:16).

Оној којшто го има во себе Духот Божји, само тој има сведоштво дека е Божјо чедо. Без Духот Божји нема ни такво сведоштво. Ниту пак сета вселена може да го даде тоа сведоштво. Самата вселена без Духот Божји што друго ни сведочи, освен дека ние сме нејзини робови, нејзина жртва, која таа немилосрдно ја проголтува? Незнабожците, всушност, и така мислеле. Богоборците од наши дни зар не мислат и тие така? Мислат. Бидејќи навистина е тешко на човекот кој не Го познал Духот Христов, Духот Божји, Сведокот небесен, да се оттргне од таквата мисла. „Не примивте дух

на ропство“, говори истиот апостол. Каков е тој дух на ропство? Секој друг освен Духот Божји, што Господ Христос го испраќа на оние кои Го љубат. Единствено Духот Божји е сесвет дух на слободата и посиновувањето.

О среќа, о мир, о радост кога Божјиот Дух ќе се свие во очистеното човечко срце како ластовица во своето гнездо! Тогаш нашата надеж ќе отвори стотина порти на темницата на вселената и нашата прегратка поширока од вселената се пружа кон Некој поголем и помилостив од вселената. Кон кого? Кон Отецот! И ние тогаш извикуваме: „Ава, Отче!“

Сведоштвото за Бога што доаѓа низ очите може да нѐ доведе во сомневање дека и ние сме чеда Божји. Но сведоштвото што ни доаѓа од срцето, од Духот Божји, не ни остава ни најмалку сомневање. Тоа Бог сведочи за Бога. Какво сомневање овде може да има? И нѐ милува нас Бог Светиот Дух во самото срце на нашето битие. Какво сомневање овде може да има? Не, туку тогаш ние знаеме и сосема сигурно чувствуваме дека Бог е Отецот, а ние сме чеда Божји. Ничии слуги, ничии робови, но чеда Божји.

О Господи Боже, Свети Духу, всели се во нас и остани со нас како Сведок на Троица и Царството како Сведок на Рајот бесмртен. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

22 МАЈ

1. Св. мч. Василиск. Роднина бил на св. Теодор Тирон. Бил мачен заедно со Евтропиј и Клеоник. Кога овие последниве двајца биле распнати и издивнале на 3 март, Василиск бил вратен повторно во темницата. Во тоа време се случила смена на царските наместници и Василиск останал долго во темницата. Со солзи се молел Василиск на Бога да не му ја ускрати маченичката смрт. И по долгата молитва, му се јавил Самиот Господ Исус, му ветил дека ќе ја исполни неговата желба и го испратил во неговото село да се поздрави со мајка му и браќата. Во тоа време дошол новиот

наместник Агрипа и испратил луѓе веднаш да го доведат Василиск од селото. На пат од селото во градот Амасиј, Господ направил преку Својот маченик големи чуда, поради кои многу народ поверувал во Христа. Агрипа му наредил на маченикот да му принесе жртва на Аполон. „Аполон значи губитник", рекол Василиск и со усрдна молитва го срONал идолот во прав и со небесен оган го изгорел храмот. Исплашениот Агрипа го припишувал сето тоа на магии и наредил, па на Василиск со меч му ја пресекле главата. Во тој момент Агрипа полудел и во лудилото отишол на губилиштето, нашол малку крв од маченикот во правот и ја ставил на себе под појасот и оздравел. Кога дошол присебе, тој се крстил. Подоцна некој Марин, комански граѓанин (Комани се викало местото на погубувањето на Василиск) подигнал црква кај моштите на маченикот, во која многу болни наоѓале исцеление.

2. Св. мч. Јован Владимир крал српски. Потекнува од кнежевски род од Захум. Дедо му се викал Хвалимир, а татко му Петрислав. Како владетел бил мудар, милостив, кроток, девствен и храбар. Усрдно Му се молел на Бога и со драга волја ѕидал цркви и ги помагал. Но имал тешки борби и однатре и однадвор, однатре со еретиците и со богомилите, а однадвор со завојувачите: цар Самоил и цар Василиј. Самоил со измама го заробил и го фрлил во темница. Кога бил во темницата, му се јавил ангел Божји и му претскажал дека скоро ќе биде ослободен од темницата, но сепак дека ќе заврши како маченик. Запознавајќи го подобро, Самоил го засакал и му ја дал својата ќерка Косара за жена. Кога умрел Самоил, се зацарил неговиот син Радомир. Но дволичниот брат на Радомир, Владислав, го убил Радомира, па потоа со измама го повикал Владимир, па и него го исекол во 1015 година. Моштите на овој свет крал – маченик почиваат нетлени во неговиот манастир кај Елбасан и на нив низ вековите се случувале и ден–денешен се случуваат многубројни чуда. Во 1925 година била подигната црква на овој крунисан маченик кај манастирот „Св. Наум", како на ктитор на овој славен манастир.

3. Втор вселенски собор. Во времето на царот Теодосиј Велики овој Собор бил свикан во 381 година во Цариград да го утврди православното учење за Светиот Дух, за Кого криво учел тогашниот патријарх Цариградски Македониј. Овој духоборен патријарх учел дека Светиот Дух е твар Божја, а не божествена ипостас рамна на ипостасот на Отецот и Синот, и еднобитна со Овие. Македониј бил осуден од соборот, а Никејскиот Символ на верата бил уште дополнет со учењето за Светиот Дух.

4. Св. праведен Малхиседек цар салимски. Современик на праотецот Авраам. По зборовите на апостол Павле, тој, како цар и свештеник, бил праобраз на Господа Исуса Христа (Евр.7).

РАСУДУВАЊЕ

Како Мојсеј можел да пости 40 дена? Како многумина христијански подвижници можеле да живеат, и тоа долговечно, во крајна воздржаност од јадење и пиење? На телесниот човек, кој не знае за духовен живот, тоа не е можно да верува. Не е можно и да му се докаже, бидејќи да се сфати тоа се постигнува само со пример. Кога св. Василиск го држеле мачителите три дена без храна и без вода, па потоа му понудиле да јаде, тој одбил, велејќи дека не е гладен. „Јас сум, рекол, исполнет со бесмртна храна и не сакам да примам смртна. Вас ве храни земниот леб, а мене небесното слово Божјо; вас ве весели виното, а мене благодатта на Светиот Дух; вас ве заситува месото, а мене постот; вас ве поткрепува телесната сила, а мене Крстот Христов; вас ве краси облеката, а мене добродетелта; вие се веселите со смеа, а јас се утешувам со духот преку молитвата". Еве човек, еден од многумината, на кого се потврдиле зборовите Христови: „Не живее човекот само од леб, туку и од секој збор што излегува од устата на Бога" (Мт. 4:4).

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за благодатта на Бога, Светиот Дух во тајната крштение, и тоа:

1. како таа благодат го очистува човекот од првородниот грев;

2. како таа го вбројува во граѓанин на слободата Христова.

БЕСЕДА
за човечките тела како храмови

Или не знаеше дека вашешо шело е храм на Свешиош Дух, Кој живее во вас и ви е даден од Бога и дека не ирийаѓаше само на себеси? Скайо сше куйени. (I Кор. 6: 19-20).

Зошто браќа, нашите тела постанале храм на Светиот Дух? Затоа што сме платени скапо. Господ Христос нѐ платил со Своите грижи, со трудот, маките и смртта. Заради таа цена ние сме се удостоиле да бидеме храм на Светиот Дух.

Но некој ќе рече: „Таа цена е одамна платена, а ние живееме 20 столетија потоа?“ Сеедно, цената не е платена за едно време и за едно поколение, туку за сите времиња и за сите поколенија од Адама до страшниот суд. И ако уште на Земјата се родат милијарди и милијарди човечки битија, за сите нив цената е веќе платена. Цената е толку голема и богата што кога и целата морска песок ќе се претвори во луѓе, таа би била доволна.

Од кој момент, браќа, нашите тела постануваат храмови на Светиот Дух? Од моментот на крштавањето. Цената е платена за сите луѓе, но храмови на Светиот Дух постануваат само оние кои ќе се крстат.

Каква е последицата, браќа, од тоа што Светиот Дух живее во нас? Последицата е таа што ние повеќе не сме

свои. Кога Светиот Дух ќе се всели во нашите тела, тогаш Он е господар на нас, а не ние над Него, ни над себеси. Тогаш ние сме, браќа, своина на Бога Светиот Дух.

А што значи тоа, браќа, дека на Тајната вечера, кога Господ му ги изми нозете и на Јуда и кога и Јуда го прими од Господа касајчето леб, тогаш, се вели, влезе во него сатаната (Јн. 13:27). О страшни зборови! О страшна казна за богопредавството! Не значи ли тоа, браќа, дека кога и ние ќе се одречеме од Бога, Кој нас нè очистува и нè храни, дека Духот Божји излегува од нас и на негово место се вселува сатаната? О какви тешки значења! О какви грозни опомени на сите нас крстените! Светиот Дух се вселил во нас при крштавањето и си направил од нас храм за Себе. Но Светиот Дух не престојува во нас насилно, туку според нашата добра волја. Ако се огрешиме против Него, Он се иселува од нас; наместо Него влегува сатаната и нашиот телесен храм се претвора во свињарник.

О Духу, Свети и Себлаг, на оставај нè нас. Смилувај се и опрости ни. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

23 МАЈ

1. Св. Михаил еп. Синадски. Овој свет и умен ерарх се посветил себеси од детството на служба на Христа. Се подвизувал заедно со св. Теофилакт Никодимијски. Еднаш во сушно време овие двајца светители со своите молитви измолиле обилен дожд на земјата. Поради својот подвижнички и девствен живот од својата рана младост, бил избран и посветен од патријархот Тарасиј за епископ Синадски. Учествувал на VII вселенски собор. По желба на царот отишол кај калифот Харунал–Рашид да води преговори за мир. Во времето на лошиот Лав Ерменецот бил симнат од архиерејскиот престол поради почитувањето на иконите и бил прогонет, каде што во беда и сиромаштија го завршил животот, останувајќи до крајот верен на Христовата вера во 818 година и се преселил во царството на Христа Царот.

2. Преп. мч. Михаил. По смртта на своите родители, Михаил го раздал целиот свој имот на сиромасите, а тој отишол на поклонение на светињите во Ерусалим. Потоа стапил во манастирот на св. Сава Освештен, каде што и се замонашил. Михаил бил сосема млад и личен, но од многу постење станал сув и блед. Во тоа време со Ерусалим владееле Арапите. Еден ден неговиот духовен отец го испратил Михаила во градот да ја продаде ракотворбата. На улицата го сретнал евнухот на арапската царица и го одвел кај неа да ја покаже својата ракотворба. Кога го видела царицата убавиот монах, се разгорела со нечиста похота и му предложила на монахот да извршат телесен грев, како некогаш жената на фараонот Пентефриј на целомудрениот Јосиф. Кога Михаил го одбил скверниот предлог и почнал да бега, гневната царица наредила да го тепаат со стапови, а потоа да го одведат кај царот со обвинение дека ја хулел мухамеданската вера. Царот му предложил да ја прими верата на Мухамед, но тој одбил. Тогаш му дале некаков јак отров да го отрујат; тој го испил отровот и ништо не му станало. Царот тогаш наредил, па го исекле со меч насред Ерусалим. Монасите го нашле неговото тело и го пренесле во манастирот на св. Сава, каде што чесно го погребале. Св. Михаил пострадал за Христа и се прославил во IX век.

3. Преп. Ефросинија кнегиња полоцка. Ќерка на полоцкиот кнез Всеслав. Кога родителите сакале да ја свршат за едно момче, таа избегала во женски манастир и се замонашила. Три пати ѝ се јавил ангел Господов и ѝ го покажал местото каде што таа треба да изгради нов манастир за девици. Ја привлекла во монаштво и својата сестра Евдокија и многу други девојки од слојот на големците. Една нејзина роднина, Звенислава, кнегиња Борисовна, го донесла сето свое богатство, фустаните и драгоцените камења, па рекла: „Сите убавини на овој свет ги сметам за ништожни, а овие украси подготвени за бракот ги давам на црквата на Спасителот, и самата сакам да се посвршам за Него во духовен брак и да ја приклонам главата своја под Неговиот благ и лесен јарем“. Ефросинија и неа ја замонашила и ѝ дала име

Евпраксија. Во староста, Ефросинија посакала да умре во Ерусалим и Му се молела на Бога за тоа. Бог ѝ ја услишал молитвата, па навистина, кога го посетила Ерусалим, таму и завршила. Била погребана во манастирот на св. Теодосиј на 23 мај 1173 година.

РАСУДУВАЊЕ

Духовниот човек ги толкува сите работи и сите појави во природата на духовен и симболичен начин и од сè извлекува полза за својата душа. Еднаш, дошле браќата кај св. Јован Колов и почнале да му кажуваат како паднал добар дожд и ги полеал палмите, и како почнале нови гранки да растат на нив така што монасите ќе имаат материјал за своите ракотворби. Св. Јован се замислил, па им рекол на браќата: „Исто така и Светиот Дух слегува во срцата на светителите, па тие се обновуваат и пуштаат гранки на стравот Божји“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за благодатта на Бога, Светиот Дух во тајната крштение, и тоа:

1. како таа благодат ѝ дава сила на душата да го следи Христа Господа;
2. како таа е залог на Божјото посиновување на крстениот човек.

БЕСЕДА
за тоа како не треба да се жалости
Божјиот Дух

И не го оскрбувајте Светиот Дух Божји, со Кој сте запечатени за денот на избавувањето (Еф. 4:30).

„Печат на дарот на Светиот Дух“ е речено, браќа, над секој од нас кои сме крстени со вода и со Дух. Духот Божји ни е даден не по наша заслуга, нека никој тоа и не го помислува туку според милоста на Живиот Бог. И во обичните односи помеѓу луѓето радосен е оној кој подарува, а радосен е и оној кој го добива дарот. Дарувањето е радување на обете страни. Што поголем е дарот, поголема е и радоста. Се радува и Бог кога ја дава благодатта на Својот Свет Дух, па како да не се радуваат луѓето кои ја примаат? Сиромашниот, кој добива, обично, повеќе се радува од богатиот кој дава – како да не се радуваат бедните луѓе кои добиваат огромен дар од богатиот Бог?

Со што луѓето го растажуваат Духот Божји? Апостолот, кој ни заповедал да не го растажуваме Духот Божји, веднаш додава и со што тој Дух се растажува: „Со секое огорчување и јарост, гнев, викање и хулење и секоја друга злоба“. „Сето тоа нека биде подалеку од вас“, вели апостолот. Со еден збор, Духот Божји се растажува за секој наш грев. Нека се земе од нас секој грев и Духот Божји ќе биде радосен и ние ќе се радуваме од Него. Кога во куќата имаме некој висок гостин, ние се трудиме да сториме сѐ за да му биде пријатно. А зар некој може да биде повисок гостин отколку Светиот Дух Божји. Па кога тој е највисок и најсакан наш гостин, треба да вложиме најголем труд за да Му угодиме. Ние знаеме со што Му се угодува на Духот Божји – со она исто со што и на Христа Господа. А Господ рекол: „Ако ме љубите, почитувајте ги Моите заповеди“ (Јн. 14:15). Кој, значи, ги почитува заповедите Христови, тој има и љубов кон Синот почитувајќи ги заповедите Негови, тој Му угоду-

ва на Отецот и на Светиот Дух. Апостолот посебно препорачува благост, милост и опростување. Ако сме благи, ако сме милостиви, ако опростуваме еден на друг, со тоа Му угодуваме на Духот Божји, Кој гостува во нашите срца. И тогаш се радува Духот Божји во нас и тогаш целото наше битие трепери од некаква неискажана радост.

О браќа мои, да се трудиме да не го растажуваме Највисокиот Гостин, кој ни доаѓа со пребогати дарови.

О Боже, Свети Духу, прости ни за нашата невнимателност кон Твоето бесмртно величие и не оставај нѐ празни и ништожни без Тебе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

24 МАЈ

1. Преп. Симеон Столпник Дивногорец. Овој прекрасен светител се родил во Антиохија во 522 год. во времето на царот Јустин Постариот. Татко му загинал од земјотрес и тој останал сам со мајка му Марта. Во шестата година од животот се оддалечил во пустина кон некој духовник Јован, под чие раководство се предал на голем испоснички и молитвен подвиг на восхит на сите оние кои го виделе. Претрпувајќи ги страшните искушенија од демоните, тој примил од Господа и од Неговите ангели голема утеха и благодат. Господ Христос му се јавил во вид на прекрасно момче. И после тоа видение, во срцето на Симеон се разгорел голема љубов кон Христа. Многу години поминал на столбот од Бога, молејќи се и псалми пеејќи. По Божјо упатство се оддалечил, потоа отишол на гората наречена „Дивна“ од Самиот Господ. По името на оваа гора и самиот Симеон е наречен Дивногорец. Сходно на неговата љубов кон Бога, му била дадена ретка благодат со помош на која ја исцелувал секоја болест, скротувал ѕверови, просирал во далечни краеви на светот и во срцата човечки, излегувал надвор од себе и ги гледал небесата, разговарал со ангели, ги плашел и ги растерувал демоните, прорекувал, живеел понекогаш по 30 дена без сон и уште подолго без храна, примал

храна од рацете на ангелите. На него потполно се исполниле зборовите на Спасителот: „Кој верува во Мене, делата што ги вршам Јас и тој ќе ги врши, и поголеми од нив ќе врши“ (Јован 14:12). Во летото Господово 596, а во 75. година на својот живот, Му се претставил Симеон на Господа, вечно да се насладува од гледањето на лицето Божјо заедно со ангелите.

2. Св. мч. Мелетиј Стратилат и 1218 војници со жените и децата. Обвинет бил за разорување на незнабожечкиот храм во времето на царот Антонин. Прикован на дрво Мелетиј ја испуштил својата света душа. Со него пострадале и многу војници, коишто биле под негова наредба, а не сакале да се одречат од Христа својот Господ. Сите чесно пострадале во II век и се преселиле во царството на Христа Бога.

3. Преп. Никита Столпник. Како момче живеел невоздржан и порочен живот. Влегувајќи еднаш случајно во црквата, тој ги слушнал зборовите на пророкот Исаија: „Измијте се (од гревот), исчистете се (и ќе бидете чисти)“ (Иса. 1:16). Овие зборови допреле длабоко во неговото срце и направиле цел пресврт во неговиот живот. Никита ја оставил својата куќа, и жената, и имотот, и отишол во еден манастир близу до Перејаслав, каде што до смртта се подвизувал со тешки подвизи. Се опашал самиот со синџири и се затворил во еден столб поради што и бил наречен Столпник. Бог го дарувал со голема благодат и ги исцелувал луѓето од секакви маки. Така, го исцелил од фатеност черниковскиот кнез Михаил. Некои злотвори ги виделе синџирите на него и по светкањето помислиле дека се од сребро. Затоа, една ноќ, го убиле, а синџирите му ги симнале и ги зеле. Тоа се случило на 16 мај 1186 година. По смртта, му се јавил на некој стар човек, Симеон, и му наредил неговите најдени синџири да ги положи во гробот покрај неговото тело.

РАСУДУВАЊЕ

„За чистиот сè е чисто", рекол апостолот. И човечката храна сама по себе не може да се нарече нечиста, макар што храната може да предизвика нечисти мисли и желби кај човекот. За тоа чудно расудувале св. Симеон Столпник разговарал со својот старец Јован. Старецот Јован рекол: „Човекот не го валка јадењето и пиењето, бидејќи Господ вели во *Писмото: Сè што се движи и живее, ќе ви биде храна* (I Мој. 9:3). На ова блажениот Симеон одговорил: „Ако човекот и не го валка јадењето, сепак тоа пораѓа валкани мисли, го помрачува умот и ја вкоренува и здебелува страста, и духовниот човек го претвора во телесен, приковувајќи ги неговите мисли кон земни желби". Зар водата што паѓа од облакот не е чиста? Но кога паѓа многу дожд, посевите скапуваат. Исто така и силната храна предизвикува скапување на моралното и духовното човечко битие.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за благодатта на Бога, Светиот Дух во тајната миропомазание, и тоа:

1. како таа благодат ја помажува душата исчистена од првиот грев со крштавањето со радост на синовство;
2. како таа го утврдува човекот во верата Христова и го запечатува за Царството Божјо.

БЕСЕДА
за тоа како Божјата љубов се излива во човечките срца

Љубовта Божја се излеа во нашите срца преку Духот Свети, Кој ни беше даден (Рим. 5:5).

Љубовта е радост и таа со радост го помажува човековото срце. Љубовта, браќа, е сила и таа со сила го помажува срцето човеково. Љубовта е мир и таа со мир го помажува човековото срце. А од радоста, силата и мирот се раѓа храброста, и љубовта со храброст го помажува човековото срце.

Божјата љубов како мирисен елеј се излева во нашите срца не на друг начин туку со Светиот Дух, Духот себлаг и сесилен. Потполно незаслужено од нас, Духот Божји ја излева љубовта во нашите срца во тајната миропомазание. Но ние таа љубов со време ја занемаруваме и со гревот се оддалечуваме од Бога и паѓаме во болеста на духовна раслабеност. И Светиот Дух, не можејќи да престојува во нечист сад, се оддалечува од нашето срце. А кога Светиот Дух ќе се оддалечи од нас, веднаш се оддалечуваат и радоста, и силата, и мирот, и храброста. И ние постануваме натажени, без сили, вознемирени и плашливи. Себлагиот Дух Божји само се оддалечува од нас, но потполно не нè напушта. Не нè напушта Он нас, туку нам, на болните, ни подава лекови преку тајната покајание и тајната причестување. А кога со покајание и со причест повторно ќе се исчистиме, тогаш Он, Бог Светиот Дух, повторно се вселува во нас и ја излева Божјата љубов во нашите срца. Паѓаме и стануваме, паѓаме и стануваме! Кога ќе паднеме, Духот Божји стои крај нас и нè подигнува, ако ние посакаме да станеме. Кога, пак, ќе станеме, Духот Божји стои во нас сè додека ние според гревот и глупоста не посакаме да паднеме. Така ние во овој живот наизменично сме плодна нива и пустина, синови покајани и синови блудни, полнота и празнина, светлина и темнина.

О Боже, Свет Духу, Себлаг, не отстапувај од нас и кога ние Те сакаме и кога не Те сакаме. Биди со нас до нашата смрт и спаси нè во вечен живот. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

25 МАЈ

1. Трето наоѓање главата на св. Јован Крстител. Во VIII век, во време на страшното иконоборство, главата на св. Јован била пренесена во местото „Комане", место на прогонството на св. Јован Златоуст. Но кога престанало иконоборството, во времето на царот Михаил и патријархот Игнатиј, во 850 година чесната глава на св. Јован била пренесена во Цариград и таму положена во придворната царска црква.

2. Свешт-мч. Терапонт еп. Кипарски. Монах и подвижник на островот Кипар; се удостоил со епископски чин, но во времето на гонењето на христијаните се удостоил со уште поголем венец – венец на маченик. Неговото тело почивало во една црква на Кипар. Во времето на царот Никифор, во годината 806, кога удриле Агарјаните на островот Кипар, светителот му се јавил на старателот на таа црква, му кажал дека неверници ќе нападнат на Кипар и му наредил неговите мошти да ги пренесе во Цариград. Домаќинот тоа веднаш и го направил. Кога лаѓата со ковчегот тргнала по морето, се кренала голема бура, но околу лаѓата морето било тивко и од ковчегот се разлевал благопријатен мирис по целата лаѓа и наоколу. Тогаш старателот го отворил ковчегот и сите го виделе наполнат со миро излеано од моштите на светителот. Со тоа миро многу болни се помажале и оздравеле. Во Цариград се изградила црква над овие чудотворни мошти, кои продолжиле да им даваат исцеление на сите кои со вера притекнувале кон нив. Со благодатта Божја, од моштите на св. Терапонт се исцелувале најтешко болните од рак, од фатеност, од крвотечење, од лудило, од слепило, од исушеност и од разни други маки.

3. Св. мч. Пасикрат, Валентион, Јулиј и др. Римски војници; пострадале за Христа во Доростол, Македонија, околу 302 година. Кога на Пасикрат му пристапил неговиот брат, Папијан, кој отстапил од Христа од страв, и почнал да го наговара да се одрече од Христа и да остане жив, св. Пасикрат му одговорил: „Оди си од мене, ти не си ми

брат!“ Пасикрат и Валентион заедно биле исечени. Свети Јулиј на судот рекол: „Јас сум ветеран, 26 години верно му служев на царот, па кога досега сум му бил верен на пониските како сега да не му бидам верен на повисокиот?“ т.е. на Царот небесен. По тоа Никандар бил изведен пред префектот Максим. Жената на Никандар го охрабрувала да погине за Христа. Глупава бабо, ѝ рекол налутено Максим, тебе ти е дојдено до подобар маж! Жената му одговорила: „Ако ти така мислиш за мене, нареди мене да ме погубат пред мојот маж!“ Со Никандар погинал и Маркијан. Жената негова дошла на губилиштето, носејќи го синот на раце. Маркијан го бакнал својот син и се помолила на Бога: „Господи семоќен, грижи се Ти за него!“ Потоа биле обезглавени и преминале во царството Христово.

Св. Филарет вели дека сите овие маченици биле Словени.

РАСУДУВАЊЕ

Некои неупатени луѓе повеќе мислат за крајот на светот отколку за крајот на својот живот, иако е јасно дека за оној којшто ќе дојде крајот на животот, дошол и крајот на светот. Некој брат, стоејќи пред св. Серафим Саровски, непрестајно мислел како ќе го праша светителот за завршетокот на светот. Св. Серафим ја прозрел неговата мисла и му рекол: „Радост моја! Ти високо мислиш за сиромавиот Серафим: како јас можам да знам кога ќе биде крајот на овој свет и оној голем ден во кој Господ ќе им суди на живите и мртвите и ќе им даде секому според неговите дела! Не, не, тоа за мене не е можно да го знам!“ Па кога светителите не знаеле, како ќе знаат грешниците? И зошто би го знаеле она што Самиот Спасител не нашол за полезно да ни го открие? Многу е подобро да мислиме дека нашата смрт ќе дојде пред крајот на светот отколку дека крајот на светот ќе дојде пред нашата смрт.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за благодатта на Бога, Светиот Дух во тајната покајание и исповед, и тоа:

1. како таа благодат кога ќе допре до срцето на покајникот – покајникот ја гледа сета грозота на својот грев и со солзи ја мие;

2. како таа благодат кога покајникот ќе се исповеда влегува во човекот како радост кај тажниот, како надеж кај безнадежниот.

БЕСЕДА
за близина на Судијата

Ете, Судијата стои пред вратата (Јак. 5:9).

За еден ден, брате, можеш да ја добиеш целата вечност. И за еден ден, брате, можеш да ја изгубиш целата вечност. Ти се дадени илјада денови на земјата да се определиш за своето сопствено вечно спасение или за својата сопствена вечна пропаст. Но блажен е по стопати оној ден во кој ќе се покаеш за сите свои нечисти дела, нечисти зборови и нечисти мисли и ќе се обратиш кон Бога со повик за милост! Тој ден ќе вреди повеќе од илјада други денови.

Каков е тој блажен ден? Тоа е денот на самоосуда. Кога тој ден ќе осамне, човекот кој дотогаш го осудувал целиот свет, погледнува и одеднаш се гледа себе си како најголема дамка на овој Божји свет. И ќе се засрами од Бога, и ќе се засрами од секој човек, и ќе се засрами од секоја твар во овој Божји свет. И срамот почнува да го пече како оган. И тој тогаш признава и исповедува: „Навистина јас сум најголемата дамка на овој Божји свет! Навистина сите луѓе се подобри од мене? Навистина сите твари се почисти од мене! Поцрн сум од нагорена гламна, а јас досега мислев дека сум бел! Погрд сум од жабата, а јас досега мислев дека сум убав како ангел! Господи, Господи, Господи, смилувај се на мене

грешниот и измиј ме од гревовната кал за колку–толку да почнам да личам на Твојата творба!“

Не чекај, брате, не чекај тој блажен ден на покајание сам да дојде! Ти самиот прв фати го цврсто првиот ден што ти доаѓа во пресрет и речи: „Ти си тој мој блажен ден со кој ќе го купам вечниот живот! Не чекај, брате, не чекај, бидејќи гледај, Судијата стои пред вратата! Тој Судија е Живиот Господ, Кој те создал и сите твои беззаконија досега ги видел и ги изброил. За ден или два Он може да те повлече на суд каде што нема да имаш зборови за оправдување. Грабни го денот! Грабни го денот на покајание! Грабни го денот додека тебе смртта не те грабнала! Гледај, Судијата стои пред вратата!“

О Го̑споди, страшен и праведен, продолжи ги деновите на грешникот додека не се покае. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

26 МАЈ

1. Св. ап. Карп. Еден е од седумдесетте. Следбеник и придружник на апостол Павле, од кого бил поставен за епископ на Верија, во Тракија. Го проповедал *Евангелието* и на Крит, каде што го примил во својот дом св. Дионисиј Аеропагит. За него сведочи св. Дионисиј дека бил човек со необично чист ум, кроткост и незлобливост; дека во видение му се јавил Самиот Господ Исус со ангелите Свои и дека никогаш не ја почнувал светата литургија додека претходно немал небесно видение. Претрпувајќи многу напасти за името Христово, најпосле пострадал од неверните Евреи и бил убиен, преселувајќи се со душата во Царството Божјо за вечно да се насладува со гледањето на Господа во славата.

2. Св. ап. Алфеј. Татко на двајца апостоли од дванаесетмината, и тоа: на Јаков Алфеев и на Матеј Евангелистот. Мирно го завршил својот земен живот.

3. Преп. Јован Психаит. Во раната младост се оддалечил од светот и се повлекол во лаврата на Психаит, во Ца-

риград. Тука се подвизувал многу години заради љубовта Христова. Во VIII век претрпел прогонство поради иконопочитувањето.

4. Св. новомач. Александар Солунски. Овој маченик Христов бил роден во Солун во времето на големата турска тиранија над овој град. Како момче бил прелаган од Турците и потурчен. Во почетокот совеста не го јадела за таквата постапка и тој дошол на Ќаба со останатите мухамедански аџии, каде станал дервиш. Но, како дервиш во Солун, тој почнал горко да се кае. При тоа каење дошол на мисла дека тој со ништо не може да го измие од себе страшниот грев на христоотстапништвото, туку само со својата крв. Кога се покајал, значи, и се решил на мачеништво, тој им се објавил себеси на Турците како христијанин. Турците го фрлиле во темница и потоа го ставиле и на други маки. Но Александар само викал: „Како христијанин сум роден, како христијанин сакам да умрам". Најпосле Турците го осудиле на смрт, на што покајниот Александар многу се израдувал, познавајќи со тоа дека гревовите му се опростени и дека Бог ја прима неговата жртва. Бил исечен во Смирна во 1794 година и бил прославен во Црквата небесна и земна.

РАСУДУВАЊЕ

На грешникот не треба да му се пожелува смрт, туку покајание. Ништо така не Го растажува Господа, Кој пострадал на крстот заради грешниците, како кога ние Го молиме со смрт да казни некој грешник и така да ни го тргне од патот. Еднаш се случило апостолот Карп да излезе од трпението и почнал да Го моли Бога да испрати смрт на двајца луѓе грешници, едниот незнабожец а другиот отстапник од верата. Тогаш самиот Господ Христос му се јавил и му рекол: „Тепај Ме Мене, еве, готов Сум повторно да се распнам за спасение на луѓето!" Овој случај св. Карп му го раскажал на св. Дионисиј Аеропагит, а овој го запишал и во Црквата го оставил како поука на сите дека за грешниците треба да се молиме за да се спасат а не да погинат, бидејќи

„Господ не сака никој да погине, туку сите да се обрнат во покајание“ (II Петр. 3:9).

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за благодатта на Бога, Светиот Дух во тајната причестување, и тоа:

1. како таа благодат го оживува лебот и виното;
2. како таа ги претвора во тело и крв Христови.

БЕСЕДА
за благодатта Божја

Доста ти е Мојата благодат (II Кор. 12:9).

Господ не ги поштедил од искушение ниту Своите свети апостоли. Но затоа им дал благодат! Кога самиот сатана започнал да му штети на апостолот Павле, Павле се молел на Бога сатаната да отстапи од него. На тоа Господ му одговорил: „Доста ти е Мојата благодат“. Односно, ако треба да трпиш од сатаната, за трпението ти е доволна Мојата благодат! Ако треба да се бориш со сатаната, пак ти е доволна Мојата благодат! Сакаш ли да го победиш сатаната, повторно ти е доволна Мојата благодат! Благодатта е сеоружје. Благдатта е појака од сите спротивности, од сите напади и од сите темни сили. Благдатта е непобедлива и победоносна.

Затоа, браќа, треба да Му се молиме на Господа да ни ја даде сесилната Своја благодат. Благодат е Бог во нас. Благодат е Царството Божјо во нас. Кога Божјата благодат е во нас, денот е во нашите души. А ден значи светлина, знаење и бестрашност.

Ние не можеме, браќа, овде на земјата да испросиме поголемо добро од Бога отколку што е благодатта Божја.

Кога би ја добиле и целата вселена како подарок, тој подарок би бил помал од благодатта Божја.

О Господи пребогат, непресушен извору на сесилната благодат, пороси ги со Твојата благодат нашите закоравени срца за да се расплачеме пред Твојата преголема добрина и пред нашата ужасна неблагодарност. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

27 МАЈ

1. Свешт-мч. Терапонт еп. Сардиски. Обратил многу Елини во верата Христова, поради што бил жестоко мачен од незнабожците со глад, темница и тепање. Разголен го положиле на земјата и го врзале за четири суви колја, па немилосрдно го тепале сè додека не му го одрале месото од коските. Но маченикот сепак останал жив, а оние четирите суви колја раззелениле и израснале во високи дрвја, од кои многу болни добивале исцеление. Најпосле св. Терапонт бил заклан како јагне во времето на Валеријан околу 259 година и се преселил со душата во Царството да ја гледа славата Божја во вечноста. Чесно пострадал во 259 година.

2. Св. мч-ци Теодора и Дидим. Во време на злочестивиот цар Максимилијан, во Александрија живеела Теодора девица, од благородно потекло и воспитување. Како христијанка, Теодора била изведена на суд пред незнабожците. После долгите измачувања за Христовата вера, кнезот – мачител наредил да се фрли во блудилиштето и на војниците да им биде дозволено да влегуваат кај неа на задоволување на телесната похота. Св. Теодора се молела на Бога прилежно да ја спаси од сквернавењето и кога таа се молела, кај неа влегол еден војник по име Дидим, и ѝ рекол дека и тој е слуга Христов, ја облекол неа во своите војнички алишта, а себеси во нејзините женски алишта. Тогаш неа ја пуштил да излезе, а тој останал во блудилиштето. Потоа бил фатен и изведен пред судијата, признал дека е христијанин, дека тој ја спасил Теодора и дека е подготвен за Христа да

умре. Бил осуден на смрт и изведен на губилиште. Тогаш дотрчала и Теодора кон него и извикала: „Иако ти ја спаси мојата чест, јас од тебе не барав да ме спасиш од смртта. Отстапи ми ја мене маченичката смрт!“ На тоа светиот Дидим ѝ рекол: „Возљубена сестро, не спречувај ме да умрам за Христа и со крвта моја да ги измијам своите гревови!“ Слушнувајќи ја оваа препирка, незнабожците и двајцата ги осудиле на смрт, и двајцата биле исечени, а телата им биле изгорени во оган. Чесно пострадале и добиле венци на вечната слава во 304 година во Александрија.

3. Св. Давид Гареџиски. Овој Давид бил еден од 13–те отци грузиски (види, 7 мај). Така бил наречен поради гареџиската пустина, близу до Тифлис, каде што се подвизувал. Во староста Давид се решил со неколку ученици да ја посети Светата Земја. Манастирот им го оставил на управување на старците Лукијан и Додо и тргнал на пат. Кога стигнале до еден рид од каде што се гледал Ерусалим, Давид заплакал и рекол: „Како јас да се дрзнам, со своите грешни нозе, да одам по стапките на Богочовекот?“ Па им рекол на своите ученици тие, како достојни, да одат и да се поклонат на светињите, а тој зел три камења и се вратил назад. Но Господ не дал да се скрие од светот толкаво смирение и ангел му се јавил на Илија, патријархот Ерусалимски, и му рекол: „Испрати веднаш по старецот кој се враќа за Сирија; кај него има три камења, тој ја однесе со себе сета благодат од Светата Земја, нему му е доволно за благослов еден камен, а двата нека ги врати во Ерусалим, тој старец е ава Давид Гареџиски“. Патријархот бргу испратил луѓе кои го стигнале старецот Давид и му ги зеле двата камења, а него го пуштиле. Оној третиот камен и до денес лежи на неговиот гроб и има чудотворна сила на исцелување.

РАСУДУВАЊЕ

Телесното здравје е, несомнено, дар Божји. Но телесното здравје никако не е најголемо богатство на светот, како што многумина говорат и пишуваат. Бидејќи, било какво

да е телесното здравје, тоа е минливо, а она што е минливо не може да се нарече најголемо богатство за човекот. Неминливите вредности се подрагоцени од минливите како што е вечноста подрагоцена од времето. А неминливите вредности влегуваат во рамката на душевното здравје. Отец Јован Кронштатски пишува: „Ах, и јас самиот чувствувам дека, кога сум потполно здрав и кога со труд не ѝе оптоварувам себеси, тогаш умирам со духот, тогаш во мене нема царство Божјо, тогаш со мене владее моето тело, а со телото ѓаволот“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за благодатта на Бога, Светиот Дух во тајната причестување, и тоа:

1. како таа благодат го прави осветениот леб жива жртва Христова;
2. како таа дејствува внатре во лебот и во виното слично онака како што дејствувала во телото на Светата Пречиста при овоплотувањето на Господа.

БЕСЕДА
за Божјата благодат објавена низ вековите

За да им го покаже на идните векови преизобилното богатство на Својата благодат (Еф. 2:7).

Со пророчки дар пророкувал апостол Павле за богатството на благодатта што низ вековите се излева на човечкиот род. Тоа што го прорекол апостолот, ние кои живееме 20 векови оддалечени од него, можеме да го провериме веќе во минатите векови. Како што се кошниците исполнети со вредни и медоносни пчели, така сите векови, од Христа до денес, се исполнети со благодатни луѓе, девојки и жени.

О колкаво богатство на благодат Божја се покажало на безбројните души, кои прво биле грешни и потоа постанале свети!

О колкаво богатство на благодат Божја се покажало на луѓето и жените, прво слаби и плашливи, кои потоа јуначки го исповедале Христа Господа и радосно за Него пострадале!

О колкаво богатство на благодат Божја се покажало низ векови и векови на простите и неуките, кои потоа постанале мудреци, вистински и духовни генерали на верните Христови војски!

А помислете, браќа, уште колку скриена светост, нејавено пожртвување, незапишано јунаштво, непофалени добродетели лежат во длабочините на дваесетте христијански векови! Кога сето тоа ќе се објави, сè она што било во минатите векови, и во оние што ќе дојдат до крајот на времето, тогаш и ангелите и луѓето ќе се зачудат пред неискажаното богатство на благодатта Божја. Тогаш и самиот апостол Павле ќе мора да извикне: „Иако сум бил апостол, сепак зборот ми бил слаб за да го искажам неизмерното богатство на благодатта Божја што се јавила човекољубно во светот“.

О пресвета Троице, човекољубив Боже, воздигни ги нашите срца, непрестајно да го славиме и да го фалиме преголемото богатство на Твојата благодат. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

28 МАЈ

1. Св. Никита исповедник еп. Халкидонски. Во младоста се одрекол од светот и се оддалечил на монашки подвиг. Засветувајќи со добродетелта како сонце, бил забележан од црковните старешини и возвишен на архијерејски престол во Халкидон. Како архијереј бил особено милостив кон бедните и многу се грижел за сираците, за вдовиците и за тие што немале ништо. Кога лошиот Лав Ерменецот станал против иконите, станал и овој светител Никита мажес-

твено во одбрана на иконите, изобличувајќи го царот и објаснувајќи го значењето на иконите. Поради тоа претрпел многу понижувања, озлобувања, темнувања. Најпосле бил протеран во прогонство за вероисповедањето и во трудови и страдања се претставил на Господа за да прими венец на славата во Царството Божјо.

2. Св. мч-чка Еликонида. Родена е во Солун и воспитана во христијанско благочестие. Во времето на Гордијан и Филип таа преминала во Коринт, каде што велегласно ги изобличила сите оние кои принесуваа жртви на идолите. Кога началникот Перениј ѝ советувал да му принесе жртва на идолот Ескулап, Христовата маченица му рекла: „Почуј ме, јас сум слугинка Христова, а кој е Ескулап, не знам. Прави што ти е волја“. Поради тоа била изведена на суд и била мачена со страшни маки. Кога ја фрлиле во оган, од нејзиното тело се излеала многу крв и го изгасила огнот, а таа останала жива. Фрлена пред лавови, лавовите не ја ни допреле туку се умилкувале околу неа. Пуштена во храмот божем да им принесе жртви на идолите, таа ги искршила и со тоа уште повеќе го озлобила мачителот против себе. Лежејќи во темница целата со рани, ѝ се јавил Самиот Господ со архангелите Михаил и Гаврил, ѝ ги исцелил раните, ја утешил и ја поткрепил. Потоа била изведена на губилиштето за да биде исечена со меч. Пред исечувањето Еликонида ги подигнала своите раце во висина и Му се молела на Бога, да ја прими и да ја придружи кон овците Свои во небесната ограда. Кога ја завршила молитвата, се чул глас од небото: „Дојди, тргни, готов е за тебе и венецот и престолот!“ Најпосле била обезглавена со меч и примила венец на славата од Господа, на Кого од љубов и Му се жртвувала како невино и чисто јагне.

3. Св. Игнатиј еп. Ростовски. Како архијереј управувал со стадото Христово 26 години со голема љубов и милосрдност. Кога умрел и телото му било положено во црквата, некои виделе како тој станал од ковчегот, се кренал во воздухот над црквата и од височината ги благословил луѓето и градот, потоа повторно се вратил во својот мртовечки

ковчег. И многу други чуда се пројавиле на неговиот гроб. Му се претставил на Господа на 28 мај 1288 година.

РАСУДУВАЊЕ

Само горделивиот човек е подготвен секогаш да го споредува Христа со другите големи луѓе. Иако на прв поглед е јасно дека големите луѓе се едно, а Господ Христос друго, како што е едно творението, а друго Творецот. Христос не е само велик, туку Он е и Творец, и Извор и Вдахнувач на секоја вистинска величина во човечката историја. Наполеон, еден од минливите великани, во прогонство и во беда на островот Света Елена, ги изрекол овие зборови: „Александар, Цезар, Ханибал, Луј XIV, со сета своја генијалност се ништожни. Тие го освоиле светот, но не можеле да се здобијат со ниеден пријател. А гледај, Христос повикува и цели поколенија се поврзуваат со тесна врска што е посилна отколку што е крвната врска... Христос го запалува огнот на љубовта, кој го проголтува секој егоизам и ја надминува каква сакате љубов“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за благодатта на Бога, Светиот Дух во тајната брак, и тоа:

1. како таа благодат при венчавањето ја осветува законската телесна врска на две човечки битија заради раѓање на деца;

2. како таа ја соединува, ја осветлува и ја зајакнува врската преку љубов на две души, мажот и жената.

БЕСЕДА
за силата на тајната брак

Затоа ќе го остави човекот таткото свој и мајката своја и ќе се прилепи кон жената своја, и обата ќе бидат едно тело (I Мој. 2:24).

Божја волја е да се размножува човечкиот род; Божја уметност е начинот како се размножува човечкиот род; Божја тајна е како човекот го остава својот татко и мајката и се прилепува кон својата жена. Да се остават родителите не значи да се напуштат, туку и самиот да постанеш родител. Кога децата ќе постанат родители, тие не се веќе само деца туку и другари на своите родители. Кога оженетите синови ќе ја познаат тајната и маката на раѓањето, тие тогаш уште повеќе ги почитуваат своите родители. Никогаш брачната врска не го ослободува човекот од почитување и послушност кон неговите родители. Првобитната Божја заповед за почитување на родителите мора да се исполни. Но, според природниот тек на работите, човекот ги остава своите родители и самиот постанувајќи родител постанува основач на нова иднина, додека неговите родители, завршувајќи ја својата улога во светот, заминуваат. Сепак, во сето тоа не е оставањето на родителите. Според некоја необјаснива тајна, човекот се прилепува кон жената и се одлепува од родителите. Св. Теодорит пишува: „Самиот Христос, оставајќи го вишниот Отец, се соединил со Црквата“.

Браќа мои, бракот е голема и чудна тајна, една од големите тајни на Божјиот домострој. Чистиот и чесен брак е преполн со возвишеност. Чистиот и чесен брак, во страв Божји, е сад на благодатта на Светиот Дух. Кој го презира бракот, тој го презира Божјиот Дух. Кој со нечистотија го валка бракот, тој Му хули на Божјиот Дух. А кој се воздржува од бракот заради царството Божјо, тој мора на друг начин себеси да се направи сад на Светиот Дух и во духовната област себеси да се направи плодотворен, за да не биде исечен како бесплодната смоква.

О Боже, Свет Духу, Семоќен, помогни им на оние кои се во брак, во чистота, во страв и во заемна љубов да бидат црква Божја, во која Ти радосно престојуваш и сè на добро управуваш. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

29 МАЈ

1. Спомен на Првиот вселенски собор. Спомен и благодарност на светите отци на Првиот вселенски собор се врши во неделата пред Педесетницата (Духовден) или во седмата недела по Воскресението. Овој собор бил одржан во Никеја во 325 година, во времето на св. цар Константин Велики. Овој собор бил свикан да ја отргне забуната што со своето криво учење ја направил Ариј, александрискиот свештеник. Тој, имено, го ширел учењето како Христос да е во времето (историјата) создаден од Бога и дека не е предвечен Син Божји, рамен по суштина на Бога Отецот. На овој собор учествувале 318 свети отци. Соборот го осудил Ариевото учење, а Арија го предал на анатема, бидејќи не сакал да се покае. Соборот уште, конечно, го утврдил Символот на верата, кој е подоцна бил дополнет на Вториот вселенски собор. На Првиот вселенски собор биле присутни многумина познати светители, меѓу кои особено се истакнувале: св. Никола Мирликијски, св. Спиридон, св. Атанасиј, св. Ахил, св. Пафнутиј, св. Јаков Нисивиски, Макариј Александриски, Александар Александриски, Евстатиј Антиохиски, Евсевиј Кесариски, Митрофан Цариградски, Јован Персиски, Аристак Ерменски и многу други од Истокот. Од Западот, пак, присуствувале: Осиј Кордовски, Теофил Готски, Цецилијан Картагенски и други. Главната работа на овој Собор, значи, била утврдувањето на Символот на верата. И најпосле пропишал 20 разни канони.

2. Св. мч-чка Теодосија Тирска. Во времето на царот Максимијан во Кесарија Палестинска, еден ден стоеле многу христијани врзани пред преторијата. Им пристапила оваа благочестива девица Теодосија и ги смирувала и хра-

брела за претстојната маченичка смрт. Слушнувајќи што зборува, војниците ја одвеле и неа пред судијата. Разјарен судијата наредил, па ѝ обесиле камен на вратот и ја фрлиле во морската длабочина. Но ангели Божји ја изнесле жива на брегот. Кога повторно му се јавила на судијата, овој наредил, па ја исекле со меч. Следната ноќ Теодосија им се јавила на своите родители, целата во преголем небесен сјај, опкружена со многу други спасени девојки, и им рекла: „Гледате ли колкава е славата и благодатта на Христа мој, од Кого што сакавте да ме лишите?" А тоа им го рекла на родителите затоа што тие ја одвраќале од исповедувањето на Христа и маченииштвото. Чесно пострадала и се прославила во 308 година.

3. Преп. мч-чка Теодосија. Родена е по молитвите на својата мајка кон св. мч–чка Анастасија, која ѝ се јавила и ѝ рекла дека ќе роди. Родителите ја посветиле на Бога и рано ја дале во женски манастир. По смртта на родителите, таа, од огромното богатство, нарачала кај златар три икони: на Спасителот, на Богородица и на св. Анастасија, а сето останато го раздала на сиромаси. Пострадала во времето на опакиот цар Лав Исавријанин, иконогонителот и примила двоен венец: девственички и маченички во 730 година.

4. Св. Александар еп. Александриски. Прв ја повел борбата против Ариј. Се упокоил во 326 година.

5. Св. Јован Јуродив, Устјужски чудотворец.

6. Св. мч. Нан (Јован) Солунски. Пострадал за верата од Турците во 1802 година во Смирна.

7. Св. мч. Андреј Хиоски. Пострадал за верата од Турците во 1465 година во Цариград.

8. Падот на Цариград. Поради гревовите човечки, Бог допуштил лута беда на престолнината на христијанството, на 29 мај 1453 година. Султанот Мухамед II го покорил Цариград и го погубил царот Константин XI.

РАСУДУВАЊЕ

Колку голема била бестрашноста на светите мажи и на светите жени! Кога ги читаме нивните житија, кај нас не сакајќи се буди срам – горделивост и срам што толку многу сме заостанале зад нив; горделивост затоа што тие се од наш христијански род. Ни болест, ни темница, ни прогонство, ни маки, ни понижувања, ни меч, ни понор, ни оган, ни бесилки не можеле да го поколебаат возвишениот мир на нивните души, цврсто поврзани за Христа крмарот на вселената и човечката историја. Кога царот Јулијан отстапил од верата и почнал да прави пустош од христијанството низ целото Римско царство, св. Атанасиј Велики за него мирно им рекол на верниците: „Облаче, ќе помине!“ (Nibicula est, transibit). И навистина тоа темно облаче набрзо поминало, а христијанството пуштило уште подлабок корен и уште повеќе ги раширило своите гранки низ светот. Немоќната злоба на Јулијан против Христа се завршила по неколку брзопоминати години, со Јулијановиот извик на смртниот час: „Назарјанину, Ти победи!“ Зошто да се плашиме ние, синовите Божји, од нешто од што Бог, нашиот Отец, не се плаши?

СОЗЕРЦАНИЕ

Да ја созерцувам благодатта на Бога, Светиот Дух во тајната брак, и тоа:

1. како таа благодат му дава извесно достоинство на начинот на размножувањето на човечкиот род;

2. како таа го прави бракот чесен со сликата на Христовата врска со Црквата.

БЕСЕДА
за двојната сила на тајната брак

Оваа тајна е голема. Но јас ви зборувам за Христа и за Црквата (Еф. 5:32).

Голема е тајната во тоа што човекот го остава својот татко и својата мајка и се прилепува кон својата жена. Самиот апостол, кој се возвишил до третото небо и видел многу тајни небесни, бракот на телесните луѓе на Земјата го нарекува голема тајна. Тоа е тајна на љубовта и животот и од неа е поголема само тајната на Христовата врска со Црквата. Христос се нарекува Младоженец, а црквата – Невеста. Христос толку ја љуби Црквата што заради Неа Го оставил Својот небесен Отец, секако, останувајќи со Него во единство на божеството – слегол на земјата и се прилепил кон Својата Црква и за Неа пострадал, та со Својата крв да ја исчисти од гревот и секаква нечистотија и да ја направи достојна да се нарече Негова Невеста. Со Својата љубов Он ја грее Црквата, со Својата крв ја храни, и со Својот Свет Дух Тој ја оживува, ја осветува и ја украсува. Што е мажот за жената, тоа е Христос за Црквата. Мажот е глава на жената и Христос е глава на Црквата. Жената го слуша својот маж и Црквата го слуша Христа. Мажот ја љуби својата жена како своето сопствено тело и Христос ја љуби Црквата како Своето сопствено тело. Мажот ја љуби жената како самиот себеси, а жената се бои од мажот свој, и Христос ја љуби црквата како Самиот себе, а Црквата се бои од Христа. Како што никој не го мрази своето тело, туку го топли и ја храни, така и Христос ја топли и ја храни Црквата како Свое тело. И поединечната човечка душа е невеста на Христа Младоженецот и собирот на сите верници е невеста на Христа Младоженецот. Каков што е односот на еден верник кон Христа, таков е односот на целата Црква кон Христа. Христос е глава на големото Тело кое се вика Црква и која е делумно видлива, а делумно невидлива.

О браќа мои, ова е голема тајна! Таа ни се открива според мерката на нашата љубов кон Христа и стравот од судот Христов.

О Господи, Спасителу благ, исчисти, спаси и украси ги нашите души за да се удостоиме со бесмртно и неискажано единство со Тебе во времето и во вечноста. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

30 МАЈ

1. Преп. Исакиј Исповедник. Во времето на царот Валент имало големо гонење на христијанството од страна на аријаните, кои и самиот цар ги помагал. Слушнувајќи за ова гонење, Исакиј, пустиник некаде на Исток, ја оставил пустината и дошол во Цариград да ги охрабрува правоверните и да ги разобличува еретиците. Токму во тоа време царот Валент со војската пошол на север против Готите, кои од Дунав се спуштале кон Тракија. Исакиј излегол пред царот и му рекол: „Цару, отвори им ги црквите на правоверните и Бог ќе го благослови твојот пат!“ Но царот се оглушил на зборовите од старецот и го продолжил својот пат. Утредента, Исакиј повторно истрчал пред царот и пак му ја повторил својата опомена. За малку царот ќе го послушал старецот да не го спречел во тоа некој негов советник, припадник на Ариевата ерес. Третиот ден истрчал Исакиј пред царот, го фатил царевиот коњ за уздата и го молел царот да ѝ даде слобода на Црквата Божја, и се заканувал со казна Божја, ако се спротивстави на неговата молба. Разлутен, царот наредил, па старецот го фрлиле во некоја пустелија од кал и трње. Но три ангела се јавиле и го извлекле старецот од пустелијата. Четвртиот ден Исакиј излегол пред царот и му прорекол ужасна смрт, ако не им ја даде слободата на православните: „Ти зборувам, цару, ќе ја одведеш војската на варварите, но нема да им одолееш, ќе побегнеш пред нив, но ќе бидеш фатен и жив изгорен“. Така сè и се случило. Варварите ја покосиле грчката војска како трева, а царот по-

бегнал со оној свој советник, аријанецот и се скрил во една кошара. Варварите пристигнале на тоа место и, дознавајќи каде е царот, ја опколиле кошарата и ја запалиле и така изгорел царот Валент со својот советник. Потоа се зацарил царот Теодосиј Велики, кој слушнал за Исакиј и за неговото исполнето пророштво. Царот го повикал кај себе и му се поклонил. Бидејќи се зацарил мирот во Црквата, и аријанците ги прогониле, Исакиј сакал да се врати во својата пустина, но бил замолен, та останал во Цариград. Некој големец Сатурнин му изградил манастир, каде што старецот до смртта се подвизувал, правејќи многу чуда. Манастирот се наполнил со монаси и постанал голем манастир. Пред смртта, Исакиј го определил за игумен Далмат, својот ученик, по кого тој манастир подоцна и е наречен Далматски. И се преселил богоугодниот старец Исакиј околу 383 година во вечноста да се насладува со гледањето на лицето Божјо.

2. Св. Макрина. Баба му била на св. Василиј Велики. Била прекрасна по умот и своето благочестие. Ученичка на св. Григориј Неокесарискиот чудотворец. Во времето на Диоклецијан, го напуштила својот дом и со својот маж, Василиј, се криела по шумите и пустините. Нивниот имот бил конфискуван, но тие не жалеле за тоа. Лишени од сè, освен од љубовта кон Бога, тие се населиле во една прастара шума, каде што поминале 7 години. По Божјата промисла, козите се спуштале од планината и им се давале за молзење и така се хранеле. Двајцата мирно завршиле во IV век после премногу страдања за верата Христова.

РАСУДУВАЊЕ

Словото Божјо е храна за душата. Словото Божјо е и сила и светлина на душата. Кој го чита словото Божјо, тој на својата душа ѝ дава храна, сила и светлина. Којшто може, тој треба да го чита словото Божјо во ***Светото писмо***. Свети Серафим Саровски говори: „Душата треба да се снабдува со словото Божјо, бидејќи словото Божјо, како што вели Григориј Богослов, е ангелски леб со кој се храни душата,

гладна за Бога. Но повеќе од сè треба да се чита ***Новиот завет*** и ***Псалтирот***. Од ова доаѓа до просветување на разумот... Многу е полезно да се чита словото Божјо во самотија и да се прочита целата ***Библија*** со разбирање. За едно такво напрегање, покрај другите добри дела, Господ на човекот му ја дава Својата милост и го исполнува со дар на разбирање. Кога човекот ќе ја снабди својата душа со словото Божјо, тогаш тој се исполнува со разбирање за сè што е добро а што е зло“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за благодата на Бога, Светиот Дух во тајната свештенство, и тоа:

1. како таа благодат го осветува, го просветува и го оспособува човекот за пастирска и учителска должност;
2. како таа го зајакнува и го ополномоштува свештеникот за извршување на останатите тајни.

БЕСЕДА
за тајната ракополагање

> *А овие, штом се помолија, ги положија рацете над нив* (Д.ап. 6:6).

Со полагањето на своите раце на избрани верници, апостолите посветувале епископи, свештеници и ѓакони. Од ова се гледа дека христијанската вера не е само учење, туку и сила. Не е доволно само да се знае, туку треба да се има и сила. И не е доволно само да бидеш избран од луѓето, туку треба да бидеш потврден и од Бога. Да не е потребна сила за свештеничкиот позив, не би било потребно ни полагањето на раце, туку само учење од уста во уши. Полагањето, пак, на рацете означува предавање на правото и изведување на сила на избраниот. А силата е во благодатта Божја, која го

утврдува човекот, го осветува и го просветува. Поправо, благодатта Божја е таа која го учи, води, пастирствува и со тајните го поткрепува стадото Христово. Свештеникот е сад на таа неискажана, страшна и сепотполна благодатна сила. Блазе си му на оној свештеник кој разбира на каква драгоценост тој постанал ризница! Блазе си му нему, ако стравот Божји не го остава ден и ноќ до последната воздишка! На земјата нема ни поголема чест ни поголема одговорност од позивот и службата свештеничка. Со полагањето на рацете од страна на епископот, свештеникот доаѓа во врска со вечниот небесен извор на благодатта и со апостолска власт. Тој со тоа постанува друг во благодатта и сослужител на сите православни свештеници од апостолско време до денес: со големите ерарси, со безбројните светители, исповедниците, чудотворците, подвижниците и маченициите. Него го благоукрасува нивното достоинство, но него го оптоварува нивната заслуга, нивниот пример и нивниот укор.

О браќа мои, голема е и преголема службата на пастирот над словесното стадо Христово. Тој е должен да се моли за сите на Бога, но и сите верници се должни да се молат на Бога за него.

О Господи, Врховен Архијереју, поддржи ги православните свештеници со благодатта на Твојот Свет Дух во силата, во мудроста, во чистотата, во ревноста, во кроткоста и во секоја апостолска добродетел. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

31 МАЈ

1. Св. ап. Ерма. Еден е од седумдесетте апостоли. Споменат е во посланието на апостол Павле до Римјаните, (16:14). Родум е Грк, но живеел долго во Рим. Бил епископ во Филиопол и својот живот го завршил маченички. Ја составил многу поучната книга „Пастир" по откровенија на ангел Божји. Ерма бил богат човек, но, поради своите, и гревовите на своите синови, паднал во крајна сиромаштија. Ед-

нащ, на молитва, му се јавил човек во бела облека и со стап во раката и му рекол дека тој е ангелот на покајанието, кој му е испратен нему до крајот на неговиот живот (Ерминиот). И ангелот му дал 12 заповеди: 1. Да верува во Бога; 2. Да живее во простота и невиност, да не зборува лошо и да му дава милостина на секој којшто проси; 3. Да ја љуби вистината и да ја избегнува лагата; 4. Да ја чува целомудреноста во помислите; 5. Да се учи на трпение и великодушност; 6. Да знае дека покрај секој човек е поставен по еден добар и по еден лош дух; 7. Да се плаши од Бога и да не се плаши од ѓаволот; 8. Да прави секакво добро и да се воздржува од секое лошо дело; 9. Да се моли на Бога од длабочината на душата со вера дека нашата молитва ќе биде услишана; 10. Да се чува од тагата како сестра на сомнежот и на гневот; 11. Да се испитуваат вистинските и лажните пророштва; 12. Да се чува од секоја лоша желба.

2. Св. мч. Ермиј. Остарел како царски војник и во староста пострадал за Царот Христос. Бидејќи лошиот судија залудно го одвраќал од верата Христова и го советувал да принесе жртви на идолите, наредил и со камења му ги искршиле забите и со нож кожата од лицето му ја одрале. Потоа го фрлиле во огнена печка, но тој станал, сочуван од благодатта Божја. Потоа испил најсилен отров, што му го дал некој жрец по наредба на судијата, но тој отров ништо не му наштетил. Видувајќи го тоа жрецот, толку се изненадил што јавно Го исповедал Христа, поради што веднаш бил исечен со меч. Потоа на Ермиј му ги ископале двете очи, но тој не жалејќи извикал кон судијата: „Земи си ги за себе овие телесни очи што ја гледаат суетата на светот, јас имам очи на срцето со кои јасно ја гледам вистинската светлост“. Потоа, бил обесен надолу со главата, но тие кои тоа му го сториле ослепеле и се туркале околу него. Св. Ермиј ги повикал кон себе, ги ставил своите раце на нив и со молитва кон Господа им го повратил видот. Видувајќи го сето ова, судијата се разјарил како лав, па извадил нож и му ја отсекол главата на Божјиот човек. Христијаните тајно го зеле телото на Ермија и чесно го погребале. Неговите мошти им давале исцеление

на сите болни и неволни. Свети Ермиј пострадал во 166 година за времето на царот Антонин.

3. Св. мч. Филозоф. Овој Христов маченик бил родум од околината на Александрија. Во времето на гонењето на христијаните, свети Филозоф не сакал да се одрече од Христа Господа пред незнабожечките кнезови и судии. Поради тоа незнабожците го изложиле на лути маки. Бидејќи бил мачен со разни маки, најпосле го ставиле на мека постела и му ги врзале и рацете и нозете, и пуштиле кај него развратна жена да го наведе на грев. Кога св. Филозоф почувствувал дека во него се буди похотта од сновењето на женските раце, тој го стегнал со забите својот јазик, го пресекол и ѝ го исплукал во лицето на развратницата. Од тоа во него се изгасила похотта, а блудната жена толку се уплашила што веднаш побегнала од него. Потоа бил исечен со меч околу 252 година, во своите млади години и се преселил во Царството на вечната младост.

Во грчкиот Пролог св. Филозоф се споменува под 1 мај.

РАСУДУВАЊЕ

Овој живот е духовно војување. Да победиш или да бидеш поразен! Ако победиме, ќе ги уживаме плодовите на победата низ целата вечност, ако бидеме поразени, ќе ги трпиме ужасите на поразот низ целата вечност. Овој живот е двобој помеѓу човекот и сѐ што е противбожјо. Бог е семоќен сојузник на секого кој искрено Го повикува на помош. „Овој живот не е шега ниту играчка, вели о. Јован Кронштатски, но луѓето го обраќаат во шега и играчка. Лекомислено си играат со времето што ни е дадено за подготвување на вечноста, си играат со празни зборови. Се собираат на гости, седат и празнословат, а потоа седат и играат вака или онака; се собираат во гледалишта и таму само се забавуваат... Целиот живот за нив е забава. Но тешко на оние кои само се забавуваат!“

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за благодатта на Бога, Светиот Дух во тајната елеосвештение, и тоа:

1. како таа благодат дејствува преку осветениот елеј;

2. како таа, според молитвата и верата, исцелува секоја болест и секоја немоќ.

БЕСЕДА
за тајната елеосвештение

И многумина болни помазуваа со елеј, и лекуваа (Мк. 6:13).

Така правеле светите апостоли, па е заповедано и ние така да правиме. Апостол Јаков ни пишува: „Болен ли е некој меѓу вас, нека ги повика свештениците црковни, та да се помолат над него и нека го помажат со елеј во името Господово. И молитвата со вера ќе го исцели болниот и Господ ќе го крене; и гревови ако направил, ќе му се опростат“ (Јк. 5:14–15). Не треба да се повика било кој, туку свештениците, црковните старешини; не треба да се помажува во било чие име (за да не биде вражање), туку во името Господово; нема било кој друг да го подигне туку самиот Господ, ниту било кој друг ќе му ги опрости гревовите освен единствено Господ. Зошто со елеј а не со нешто друго? Затоа што е така заповедано, та да ја покажеме послушноста и верата. Зошто е заповедано да се крштаваме со вода и да се миропомажуваме со миро, да се причестуваме со леб и со вино? Тоа е Божји избор и Божјо согледување, а наше е да слушаме и да веруваме. Во разните тајни се употребуваат различни елементи, но благодатта е една иста како што Господ е еден, а од Господа е сѐ. Зошто на Господа Му е потребна некоја материја за да ја излие Својата благодат врз нас? Не Му е потребна материја на Господа туку на нас, додека сме во мате-

ријата, нам ни е потребна материја. На нематеријалните ангели Он им дава благодат на нематеријален начин.

Елејот самиот по себе е немоќен како што е немоќна секоја материја сама по себе, но благодатта Божја е семоќна. Преку елејот Господ ја дава благодатта на Својот Свет Дух и таа благодат ги лекува болните, ги подигнува слабите, ги повратува неразумните.

О браќа мои, колку е неискажана благоста Божја! Што не направил Господ за нас? И што би можеле да посакаме повеќе? Сите наши потреби Он ги знаел однапред и за сите нив предвидел однапред лекови. А од нас Он само бара да Му веруваме и да ги извршуваме Неговите прописи. Зар не е безобразно и срамно за нас, честопати совесно да ги исполнуваме советите на лекарот, на луѓе смртни како што сме и ние, а заповедите на бесмртниот Бог да ги отфрламе и занемаруваме?

Господи, себлаг, растопи ги нашите камени срца со силата на Твојата благодат, та пред смртниот час да можеме да ја покажеме должната благодарност кон Тебе, кон Тебе, о себлаг и семудар Боже наш. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

1 ЈУНИ

1. Св. мч. Јустин филозоф. Роден е од елински родители во самарискиот град Сихем, подоцна наречен Наблус, во 105 година по Христа. Усрдно ја барал мудроста во филозофите, најпрво кај стоиците, потоа кај перипатетиците, па кај питагорејците и најпосле кај платонистите. Иако ни Платоновата филозофија не го задоволила, сепак на неа се задржал најмногу, немајќи ништо што би го привлекувало повеќе. Но по провидението Божјо, му се јавил некој чесен старец, кој ја поколебал во него целата филозофија на Платон, и му напомнал дека луѓето не можат да ја знаат вистината за Бога додека тоа Бог не им го открие, а Бог ја отрил вистината за Себеси во книгите на ***Светото писмо***. Јустин почнал да го чита ***Светото писмо*** и постанал убеден христијанин. Сепак, не сакал да се крсти ниту да се нарече христијанин сè додека лично не се уверил за лажноста на сите оние обвиненија што незнабожците ги истакнувале против христијаните. Доаѓајќи во Рим во филозофска долама, тој набргу стекнал таму големо почитување и многу приврзаници. Присуствувал на маченичкиот крај на св. маченици Птоломеј и Лукиј. Видувајќи го мачењето на невините христијани, тој напишал апологија (одбрана) на христијаните и христијанското учење и му ја предал на царот Антонин и на сенатот. Царот со внимание ја прочитал апологијата и наредил да престане гонењето на христијаните. Јустин го зел преписот од царевата наредба и со неа отишол во Азија, каде што со помош на таа наредба спасил многу гонети христијани. Потоа се вратил во Рим. Кога настанало гонењето од цар Марко Аврелиј, тој напишал втора апологија и му ја упатил на царот. Некој нечесен филозоф Крискент, циник, го обвинил како христијанин, од завист што Јустин го победувал во сите расправии, па Јустин допаднал во темница. Посакувајќи му смрт на Јустина, а плашејќи се овој некако да не се оправда на судот, Крискент начекал

прилика, та некако го отрул Јустина во темницата. Така го завршил својот земен живот овој голем заштитник на верата христијанска и се преселил во блажена вечност во 166 година.

2. Св. мч-ци Јустин, Харитон, Харита, Евелпист, Еракс, Пеон, Валеријан и Јуст. Сите пострадале во Рим за време на Марко Аврелиј и епархот Рустик. Кога Рустик прашал: „Мислите ли вие дека, ако умрете за Христа, ќе примите награда на небото?" Јустин одговорил: „Не мислиме, туку знаеме". После тоа, сите биле обезглавени, во 163 година и се преселиле во вечното царство на Христа Бога.

3. Преп. Агапит Печерски. Ученик на св. Антониј Печерски. Ги лекувал луѓето со молитва и со давање на зелје, од коешто тој си правел леб за себе. Така го излекувал и кнезот Владимир Мономах, поради што се прочул на сите страни. На тоа му позавидел кнежевиот лекар, некој Ерменец, и почнал да го клевети. Кога Агапит се разболел, му дошол овој Ерменец и погледнувајќи го, му рекол дека по три дена ќе умре, а ако не умре, дека и тој, Ерменецот, ќе се замонаши. Агапит му рекол дека нему му е јавено од Господа дека нема да умре по три дена, туку по три месеци. Така и се случило. По смртта на Агапит, Ерменецот дошол кај печерскиот игумен и го замолил да се замонаши оти, рекол, му се јавил од оној свет Агапит и го потсетил на ветувањето. И така, некогашниот завидливец постанал кроток монах по провидението на Бога, Кој сака сите луѓе да се спасат. Светиот Агапит се упокоил околу 1095 година.

РАСУДУВАЊЕ

Никој не расеал толку бесрамни клевети за Христа Господа како Евреите. Нивниот Талмуд е преполн од злоба и пакост кон Господа. Но сите тие ништожни клевети ги разобличува најистакнатиот еврејски историчар по Христа Јосиф Флавиј, рабин и научник, кој живеел кон крајот на I век. Тој пишува: „Во тоа време живеел Христос, мудар маж, кој одвај може да се нарече човек заради тоа што правел чудни

дела – учител на луѓето кои ја примале вистината со радост. Тој кон себе привлекол многу следбеници, како од Јудеја, така и од Грците. Тој бил Христос. Па и потоа, кога Пилат, по доставка на нашите најпознати луѓе, го осудил Него на крсна смрт, сепак не Го напуштиле оние кои и порано го љубеле: Тој пак им се јавил жив во третиот ден, како што божествените пророци претскажале за тоа и за многу други дела што се однесуваат на Него. И сектата на христијаните, таканаречена по Него, постои до денешен ден". Така запишал човекот кој не верувал во Христа, но бил научник, слободен од пристрасност и од злоба.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцелување на Петровата тешта, и тоа:

1. како Господ Исус ја зеде за рака грозничавата жена и грозницата ја напушти, а таа им служеше;
2. како Господ може и мене да ме исцели од грозницата на страстите, така што ќе можам веднаш да се исправам и да Му служам со сецелиот дух.

БЕСЕДА
за тоа што е почеток на мудроста

Почетиок на мудростиа е стиравот Господов (Изреки, 1:7).

Ако некој би го знаел бројот на ѕвездите на небото, и имињата на рибите во морето, и збирот на тревките во полето, и навиките на ѕверовите во гората, а нема страв од Бога, неговото знаење е како вода во решето. И пред смртта, неговото знаење го прави поголем страшливец од оној, којшто ништо не знае.

Ако некој би можел да ги погоди сите човечки мисли и да ги прорече сите човечки судбини, и да ја објави секоја

тајна што ја земјата крие во своите длабочини, а нема страв од Бога, неговото знаење е како истурено млеко во некој нечист сад од кој целото млеко се расипува. И на неговиот смртен час, неговата мудрост нема да свети ни колку догорче без пламен, туку смртната ноќ ќе му ја направи уште потемна.

Почеток на мудроста е стравот Господов. Кој не започнал правилно, како ќе заврши правилно? Кој од почетокот тргнал по крив пат, мора да се врати назад и да го фати правилниот почеток, т.е. да чекори со нозете по правиот пат. Кој нема страв од Бога, тој не може да има љубов кон Бога. Што говориме? Кој нема страв од Бога, тој нема вера во Бога. Најголемите подвижници и самомаченици, кои по 40 или 50 години денноноќно се подвизувале, сè до смртта биле исполнети со страв од Бога, и тие, најбезгрешните помеѓу смртните, на смртниот час извикувале: „Боже, помилуј ме мене грешниот!“

Стравот од Бога е сол на целокупната побожност. Ако ја нема таа сол, целата наша побожност нема сладост. Стравот од Бога им тежи на колковите, го опашува стомакот, го отрезнува срцето, го зауздува умот, го камшикува самоволието. Каде е покајанието без страв од Бога? Каде е смирението? Каде е воздржанието? Каде е целомудрието? Каде е трпението? Каде се службата и послушноста?

О браќа мои, да го целуваме овој збор како света вистина: почеток на мудроста е стравот Господов! О Господи сесилен, вкорени го Твојот страв во нашите срца. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

2 ЈУНИ

1. Св. Никифор Исповедник патријарх Цариградски. Цариградски благородник. Татко му Теодор бил висок службеник на царскиот двор, богат и благочестив. Никифор службувал неколку години во дворот во истиот чин како и неговиот татко. Но видувајќи ја сета светска суета, тој се од-

далечил на бреговите на Босфорот и таму изградил манастир. Манастирот набргу му се наполнил со монаси, а тој управувал со манастирот, не сакајќи самиот да прими монаштво, под изговор дека е недостоен, иако во сè им служел како пример на сите. Пред тоа учествувал на Седмиот вселенски собор како лаик, од лаосот (верник од верниот народ) по волја на царот и на патријархот и многу бил корисен за соборот со своето извонредно познавање на ***Свето̄то̄ п̄исмо***. Кога умрел патријархот Тарасиј, Никифор бил избран за патријарх спротивно на неговата волја. Веднаш по изборот, примил монашки чин и сите останати чинови по ред и во 806 година во „Света Софија" бил востоличен за патријарх. Тоа било во времето на царот Никифор, кој набрзо потоа отишол во војна со Бугарите и загинал. Неговиот син Ставрикиј владеел само два месеци, па умрел. По него, се зацарил добриот цар Михаил, наречен Ранкаба, но владеел само две години, додека Лав Ерменецот не го соборил и изгонил. Кога Лав се зацарил, патријархот му ја испратил книгата „Православно вероисповедување" да ја потпише (по обичај на сите византиски цареви, што се сметало за заклетва дека ќе се држи и ќе ја брани вистинската вера). Царот не ја потпишал, но тоа го одложил за по крунисувањето. А кога патријархот го крунисал, тој откажал да ја потпише таа книга и набрзо се објавил како еретик–иконоборец. Патријархот се обидел да го посоветува и да го поврати во вистинската вера, но залудно. Царот насилно го изгонил Никифора во затвореништво на островот Проконис, каде што во беда и лишувања од секаков вид, поминал тринаесет години, па се преселил во вечноста во 827 година. Како патријарх со Црквата Христова управувал девет години.

2. Св. новомч. Константин. Роден како муслиман на островот Митилена. Бидејќи излекуван од тешка болест во црква, со помош на света вода и гледајќи други чуда на верата Христова, тој се крстил на Света Гора во скитот „Капсокалива". Подоцна паднал во рацете на Турците, кои по страшни мачења од четириесет дена, го обесиле во Цариград на 2 јуни 1819 година.

3. Св. мч. Јован Нови Сочавски. Благородник од Трапезунт. Обвинет од некој завидлив Латин, пострадал за Христа во 1492 година, во градот Аскерман. По мачењата, затоа што не сакал да ја присвои персиската вера (исламот, чиј припадник бил и градоначалникот), свети Јован бил врзан за нозе и влечен по градот. Видувајќи го, некој злобен Евреин притрчал и го заклал. Таа ноќ многумина виделе огнен столб над неговото тело и тројца светлоносни мажи околу него. Молдавскиот војвода Јоалександар му го пренел чесното тело со големи почести во градот Сочава и го погребал во митрополитскиот храм, каде и денес почива. Чесно пострадал и се прославил на 2 јуни 1492 година.

4. Св. свешт-мч. Еразмо Охридски. Овој светител бил роден во Антиохија и живеел во времето на царевите Диоклецијан и Максимијан. Крепко се подвизувал на ливанската гора и бил надарен од Бога со голем дар на чудотворство. Како архијереј тргнал да го проповеда *Евангелието*. Кога стигнал во градот Охрид, Еразмо со молитва го воскреснал синот на некој човек по име Анастас и го крстил. Во таа прилика Еразмо покрстил и многу други незнабожци и ги разорил идолските жртвеници во Охрид. Заради тоа бил обвинет кај царот Максимијан, кој во тоа време престојувал во Илирија. Царот го извел пред бакарната статуа на Зевс, му наредил да принесе жртва и да му се поклони на идолот. Свети Еразмо пројавил сила и од идолот излегла страшна ламја која го исплашила народот. Повторно светителот пројавил сила и ламјата умрела. Тогаш светителот го проповедал Христа и покрстил дваесет илјади души. Огорчениот цар наредил, та ги исекле сите овие дваесет илјади души, а Еразмо го ставил на тешки маки, па потоа го фрлил во самица. Но му се јавил ангел Божји, како некогаш на апостол Петар, и го извел Еразмо од самицата. Потоа овој слуга Божји отишол во Кампанија, каде што им го проповедал ***Евангелието*** на луѓето, па се вратил во градот Хермелија, каде се повлекол во една пештера, во која се подвизувал до смртта. Пред смртниот час, трипати се поклонил кон Исток и со подигнати раце се молел на Бога за Бог да им ги опрос-

ти гревовите и да им дарува вечен живот на сите оние кои со вера ќе го повикуваат неговото име (на Еразмо). По свршувањето на молитвата, се чул глас од небото: „Нека биде како што молеше, исцелувачу мој, Еразмо!“ Сиот радосен, светителот уште еднаш погледнал во небото и видел венец на славата како се спушта кон него, и видел „хорови на ангели, пророци, апостоли и маченици кои приоѓаат да ја примаат неговата света душа. На крајот извикал: „Господи, прими го мојот дух! – и починал околу 303 година. Пештерата со црква, посветена на св. Еразмо и денес постои недалеку од Охрид и од неа и до ден–денес се пројавува големата сила на угодникот Божји Еразмо свештеномаченикот[10]).

РАСУДУВАЊЕ

Иконопочитувањето е составен дел на православието, од кое тоа не може да се оддели. Тоа што на некои луѓе им се причинува дека почитувањето на иконите е исто што и идолопоклонство, тоа не е никаков доказ против иконите. И на Евреите им се причинило дека Христос твори чуда со силата на сатаната, а не како Бог; и на Римјаните им се причинило дека христијанските маченици се обични волшебници и маѓесници. „Иконата е божествена работа, но не е обожена“, му рекол св. Никофор на иконоборниот цар Лав Ерменец. Потоа му објаснил како Бог му наредил на Мојсеја да направи змија од бакар и да ја воздигне во пустината, иако пред тоа заповедал да не прави на себе резбан лик. Ова го заповедал за да го спаси избраниот народ од египетското идолослужење, а другото го заповедал Он, Единиот и Севишниот Бог, да ја покаже Својата сила преку видливата твар. Така, Он ја покажува Својата сила и преку иконите. Тоа е Негова света волја а наша полза за спасението. Ако

---

[10]) Во *Словенскиот Пролог* и во *Месецословот* св. Еразмо се споменува под 4 мај, а пак во грчкиот под 2 јуни. Ова последното е поправилно затоа што празнувањето на овој светител во Охрид од секогаш било на 2 јуни по стар стил.

иконите се малку значајна работа или дури и идолска, зар многумина од најсветите и најдуховните луѓе и жени, во историјата на црквата, би пострадале за иконите до смрт?

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцелување на еден губав (Мт.8:2), и тоа:

1. како губавиот Го замолил Господа да го исцели и како Господ го фатил за раката и тој оздравел;

2. како сум и јас губав од гревот, и како Господ може да се допре до мојата душа и да ја исцели, ако Му се молам.

БЕСЕДА
како мудроста се јавува насекаде

Премудроста говори високо на улицата, го крева гласот свој по плоштадите; проповеда во главните места на собирите, при влезовите на градските порти (Изреки, 1: 20-21).

Премудроста Божја е самиот Господ Исус Христос, преку Кого е создадено сѐ што е создадено. И сѐ што е создадено го објавува својот премудар Творец, како тоа што е во полето, така и она што е во градот. Во полето е чиста и светла природата, а во градот е човекот со неговите занаети и способности. Премудроста Божја вика, а не шепоти, преку целата природа и преку сите полезни занаети и човекови способности. Таа го покрила целото поле, таа го исполнила целиот град, таа е над земјата и под земјата, во ѕвездените височини и во морските длабочини. Оној кој сака да ја чуе, може да ја чуе на секое место; оној кој со неа сака да се учи и да се насладува, може на секое место да се учи и да се насладува; оној кој со неа сака да се поправа и да се надградува, може да се поправа и да се надградува на секое место.

Толку е јасна и очигледна премудроста Божја во светот од почетокот на светот во сите создадени работи. Но таа е уште појасна и поочигледна во пророците и во другите Божји луѓе, кои се удостоиле со пристап кон Неа, покрај создадената природа. Преку нивните усти премудроста Божја се разгласувала во полињата и градовите, на улиците во градот и на портите на човекот.

Но Премудроста Божја е најгласна и најјасна во лицето на самиот Господ Исус Христос. Во лицето на Господа Исуса Христа премудроста Божја се јавила во тело и се покажала на луѓето во чудесна сила и Своја убавина. Таа премудрост Божја не говори преку тварите, ниту преку луѓето, туку говори самата за себе и самата од Себе, лично и непосредно. Со Својата мудрост Господ го исполнил целиот свет преку Својата Света Црква, така што, може да се рече, како пред деветнаесет столетија во Палестина така Он и денес преку служителите на Словото вика во полето, на улиците, во најголемата светска врева, по сите градови и пред сите порти.

О браќа мои, да ги отвориме портите на нашите души за Премудроста Божја, воплотена во Господа Исуса Христа!

О Господи Исусе, Премудрост Божја и Сило, отвори ги нашите души и всели се во нив. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

3 ЈУНИ

1. Св. мч. Лукилијан и со него: Клавдиј, Ипатиј, Павле, Дионисиј и девицата Паула. Остарен како незнабожец и идолски жрец, Лукилијан, како старец со бела коса, ја познал христијанската вистина и се крстил. Неговото обраќање во христијанство предизвикало големо возбудување помеѓу незнабожците во Никомидија и тој бил биен и сиот претепан фрлен во темница. Во темницата затекол четири момчиња: Клавдиј, Ипатиј, Павле и Дионисиј, затворе-

ни заради верата во Христа. Старецот им се израдувал на момчињата, како и момчињата на старецот и сите заедно го поминувале времето во побожни разговори, молитви и псалмопеење. Кога ги извеле од темницата, ги мачеле со разни измачувања и најпосле ги испратиле во Византија, каде момчињата со меч биле исечени од војник, а Лукилијан на крст бил распнат од Евреите. Злобните Евреи целото тело му го изболе со клинци. Една девица, Паула, јавно го зела телото на маченикот и чесно го погребала. За тоа била обвинета и по измачувањата била исечена, примајќи два венци: венец на девство и венец на маченишство. Нивното маченишство се случило во време на царот Аврелијан, помеѓу 270 и 275 година.

2. Свешт-мч. Лукијан. Римјанин, бележит по благородното потекло, богатството иученоста. Некое време бил ученик на апостол Петар. Подоцна папата Климент го испратил заедно со Дионисиј Ареопагит во Галија за проповед на *Еванѓелието*, откако претходно го ракоположил за епископ. Со голема ревност Лукијан ја сеел науката Христова, прво низ Галија, а потоа и низ Белгија. Кога злобниот цар Дометијан започнал со гонење на христијаните, од Рим биле испратени назначени луѓе во Галија да ги побараат и да ги заробат христијанските мисионери. Тие прво го заробиле и го убиле свети Дионисиј, а потоа тргнале во потера по Лукијан. Откако го нашол во Белгија, заедно со неговите помошници: презвитерот Максијан и ѓаконот Јулијан, тие на едно место ги убиле овие двајца, а на друго место Лукијана. Кога Лукијан бил исечен, неговото мртво тело се кренало од земјата, ја зело својата глава во рацете (слично на свети Дионисиј и свети Јован Владимир) и така отишло на она место на кое што сакал да биде погребан. Таму паднал и таму бил погребан. Над неговите мошти подоцна била изградена црква.

3. Св. мч. Димитриј руски принц. Подмолно бил убиен од властољубивиот Борис Годунов во осмата година од својот живот во 1591 година во градот Углич. По смртта, му се јавил на некој монах и прорекол дека ќе се јави лажен

Димитриј, кој на убиецот Борис Годунов ќе му предизвика смрт, што подоцна и се случило. Безбројни чуда се случувале на гробот на убиениот принц. Неговите мошти по петнаесет години биле откриени цели и нетлени, и биле пренесени свечено во Москва и положени во црквата „Св. архангел Михаил“.

РАСУДУВАЊЕ

О кога би можеле да навлеземе во тајната на Божјата промисла во човечкиот живот! Со страв и трепет би се исполниле пред секое лошо дело и пред секој човечки грев. „Ги научив Твоите дела, Господи, и се згранав!“ Во некои поголеми случаи, тајната на Божјата промисла им е јасна и на помалку духовните луѓе, како, на пример, во судбината на принцот Димитриј и крвничкиот властољубец Борис Годунов. За да дојде на прво место помеѓу владеачите на дворецот на царот Теодор, Годунов отрул повеќе големци. Кога станал прв до царот, намислил да го отруе и братот на царот, осумгодишниот Димитриј. Преку најмени луѓе тој неколку пати му давал најтежок отров на малиот принц, но тој не се труел. Промислата попуштила злосторникот да ја умртви својата жртва но не тајно и нечујно, туку јавно: Годунов ги испратил убијците кои јавно на сред бел ден го заклале принцот. Така, Димитриј постанал јавен маченик, а Годунов јавен злосторник за цела Русија. Потоа се кренал некој Димитриј и се прогласил за принц (како да е божем тој вистинскиот принц Димитриј, а дека некој друг бил заклан) и тргнал со војската против Годунов. Го победил Годунова и го довел до таква состојба што морал самиот на себе си да си приготви отров и да се отруе. Оној кој ги труел другите, самиот себе си се отрул! Оној кој го убил невиниот принц Димитриј, бил поразен од човек со име Димитриј! Кој има духовни очи да види, нека ја види тајната на Божјата промисла!

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното стишување на бурата во морето (Мт. 8:24), и тоа:

1. како учениците извикале: „Господи, спаси нè, загинуваме!“ и како Господ со еден збор ја стивнал бурата и настанала голема тишина;

2. како Господ очекува со страв да Го повикаме, да ја стивне бурата на страстите од луѓето и од демоните на морето на мојот живот.

БЕСЕДА
за мирот на неразумните и среќата на глупавите

Зашто неразумните ќе ги убие нивната упорност, а глупавите ќе ги погуби нивната негрижа (Изреки, 1:32).

Зар мирот убива? Да, безбожниот мир убива. Зар среќата може да погуби? Да, среќата без Бога и спроти законот Божји, може да погуби. Неразумни се тие кои бараат таков мир, а глупави се тие кои трчаат по таква среќа, бидејќи, всушност, не бараат мир, туку меч; и не трчаат по среќа, туку по пропаст. Што е тоа мир на неразумни? И што е тоа среќа на глупави? Мир на неразумни е телесниот мир, а среќа на глупавите е телесното уживање. Таков мир сакал царот Ирод, па црвите го изеле; таква среќа сакала Езавела, па кучињата ја изеле.

Како би го нарекле оној човек кој решил да ѕида куќа и прво мисли како ќе го направи кровот во воздухот, а потоа ќе ги ѕида ѕидовите и ќе ги поставува темелите на куќата? Неразумен и глупав! Такви се и сите оние кои пробаат да создадат надворешен мир во светот без внатрешен мир, и да создадат надворешна среќа на луѓето без внатрешна среќа. Христијанската вера е единствена што ѕида сè од темел, а

темел е Христос, тврда и некршлива карпа. Така и мирот и среќата на луѓето, христијанската вера ги заснова на Христа. На Христа Господа се заснова и внатрешниот, благиот и радосниот мир, а на овој мир се заснова и надворешниот мир. Исто така е и со вистинската и трајната среќа. Уште подобро е да се рече дека вистинскиот мир и вистинската среќа се како надворешни украси на куќата. Ако пропаднат украсите, куќата пак ќе постои, но ако се разурне куќата, зар украсите ќе стојат во воздухот.

О браќа мои, христијанската наука е единствена разумна наука за мирот и среќата. Сè друго е неразумно и глупаво. Инаку, како би можеле слугите да ѕидаат дворец на имотот на својот господар без негово одобрување и без негова помош?

О Господи, извору на вечниот и вистински мир и вистинската среќа, спаси нè од мирот на неразумните и од среќата на глупавите! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

4 ЈУНИ

1. Св. Митрофан прв патријарх Цариградски. Неговиот татко Дометиј, брат на римскиот цар Пров, избегал од Рим како христијанин за време на гонењето на христијаните и дошол во Византија. Византискиот епископ Тит го посветил за презвитер. По смртта на Тит, Дометиј станал византиски епископ. По смртта на Дометиј, епископскиот престол го зазел неговиот постар син Пров (Дометиј порано бил незнабожец и имал деца), а по смртта на овој, епископскиот престол го зазел Митрофан. Кога цар Константин првпат го видел Митрофана, го засакал како татко. Во време на Првиот вселенски собор, Митрофан веќе бил старец на 117 години, па не можејќи самиот да земе учество во работите на соборот, го одредил својот викарен епископ Александар за свој заменик. Царот, тајно, за него го издејствувал кај соборот чинот патријарх. И така, тој бил првиот патријарх Константинополски. Уште царот го повикал целиот со-

бор да го посетат болниот и престарен архипастир. Кога царот прашал кого го сака за свој наследник на патријаршискиот престол, Митрофан го именувал Александра; потоа му рекол на Александар Александриски: „О брате, ти ќе оставиш многу особен наследник!“ И го зел за рака архиѓаконот Атанасиј, подоцна Атанасиј Велики, патријархот Александриски, и го пофалил пред сите. По ова пророштво, се простил со сите и по 10 дена ја предал душата на Бога во 325 година.

2. Св. мч. Конкордиј. Бил голем испосник и чудотворец за време на животот на земјата. Во времето на царот Антонин бил уапсен поради верата во Христа. По маките и темнувањето, бил изведен пред камениот идол Ди да му се поклони. Тој плукнал на идолот и поради тоа веднаш бил исечен.

3. Св. мч-ци Фронтасиј, Северин, Северијан и Силан. Мачени во времето на царот Клавдиј, во Франција. Кога им биле пресечени главите, тие се кренале, ги зеле своите глави во рацете, преминале преку реката Ил и дошле до црквата „Пресвета Богородица“, во која на Бога се молел еп. Фронтон. Влегувајќи во црквата, ги положиле своите глави пред нозете на епископот и легнале прекрстувајќи ги рацете на градите. Тука биле чесно погребани. При нивниот погреб се чуло пеење на невидливите војски на ангелите.

4. Преп. Зосим еп. на Новиот Вавилон, град во Египет. Се подвизувал на Синајската Гора. Доаѓајќи по работа во Александрија, бил посветен од блажениот патријарх Аполинариј за епископ Вавилонски. Бил добар пастир на стадото Христово. Но кога го совладала староста и заморноста, се повлекол повторно на Синај, каде што ја предал својата душа на Бога и примил венец на славата меѓу големите јерарси. Живеел и завршил во VI век.

5. Свешт-мч. Астиј еп. Драчки. Пострадал во времето на Трајан. Прво бил биен со оловни прачки, а потоа разголен и распнат на дрво. Неговото голо тело било намачкано со мед за осите и стршените да го јадат. Во најголеми

маки, св. Астиј славејќи Го Бога, издивнал и примил два венци: и како маченик и како ерарх.

6. Св. Марта и Марија. Сестри на Лазар. По вознесението на Господа, Лазар отишол да го проповеда ***Евангелието***. Во ова му помагале и неговите сестри. Не се знае каде го завршиле животот.

РАСУДУВАЊЕ

Страшно е да се убие чивек. Нема зборови со кои ќе се опише ужасот што го опфаќа човекоубиецот. Додека човекот се подготвува да убие човек, тој помислува дека е сеедно да се убие човек и да се убие вол. Но кога ќе го изврши своето смислено злосторство, тогаш одеднаш ќе осети дека им објавил војна на небото и на земјата, и дека постанал како избркан и отсечен и од небото и од земјата. Убиениот не му дава мир ни дење ни ноќе. Кај св. Зосим на Синај му дошол некој познат разбојник и го замолил да го замонаши. Зосим го облекол во монашка риза и го испратил во манастирот „Преп. Доротеј", кај Газа, таму да се подвизува. По девет години, замонашениот разбојник му дошол назад и му го побарал своето мирско облекло, враќајќи му ја назад расата. На прашањето зошто го прави тоа, разбојникот одговорил дека девет години се молел усрдно на Бога, постел, бдеел и извршувал секакво послушание; дека чувствува оти многу гревови му биле простени, но дека еден негов грев го мачи непрестајно. Некогаш убил едно невино дете и тоа дете му се јавува и дење и ноќе и го прашува: „Зошто ме уби?" Затоа се решил да појде и да се предаде на властите за да го погубат и така со крв да ја отплати крвта. Облекувајќи се во своето поранешно облекло, отишол во градот Диоспол, го признал злосторството и бил исечен. И така, со својата крв го исчистил својот крвав грев.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцелување на гадаринските безумници (Мт. 8:28), и тоа:

1. како Господ ги истерува демоните од безумните и тие постануваат мирни и кротки;

2. како Господ стои крај мене и чека да биде повикан за да ми помогне и да ме исчисти од секаков лош дух што ме раздразнува против Бога и ме оддалечува од Него.

БЕСЕДА
за надевањето во Господа,
а не во својот разум

Надевај се на Господа од сè срце и не потпирај се врз твојот разум (Изреки, 3:5).

Кога сите планини би тргнале на тебе, дали ти би можел со раце да ги запреш? Не. А кога темнината на сите тајни на небото и на Земјата се навали врз малата свеќичка на твојот разум, дали твојот разум би можел да ги осветли? Уште помалку. Не потпирај се на твојот разум, бидејќи и од таа ништожна твар, што ти ја нарекуваш разум, поголем дел од неа не е ништо друго освен мртва пепел. Не потпирај се на својот разум, бидејќи и тој прашува а не одговара. О човеку, не потпирај се на својот разум, бидејќи тоа е пат по кој ита светот, гладен и жеден, шарен и љубопитен, светот на чувствени впечатоци.

Надевај се, о човеку, на Господа со сето свое срце. Во Него разумот е бесконечен и сè гледа. „Јас сум разум, Моја е силата“ (Изреки, 8:14), говори Господ. Он ги гледа патеките по кои тече твојата крв и сите раскрсници по кои лутаат твоите мисли. Он со сожалување и со љубов ти нуди водач, а ти се надеваш во твојот помрачен и ништожен разум! А каде беше твојот разум пред раѓањето? И каде беше твојот разум тогаш кога ти се вообличуваше телото, кога срцето почна да ти врие со крв, кога очите почнаа да ти се отвораат, кога гласот од грлото почна да ти излегува? По чиј

разум беше сето тоа додека твојот уште спиеше како јаглен во рудник? Па и од кога твојот разум се пробудил, можеш ли да ги наброиш сите лаги на кои те навел, сите заведувања во кои те вплеткал, сите опасности што не ги предвидел? О брату мој, надевај се единствено во Господа со сето свое срце! Он досега безброј пати те избавил од твојот сопствен разум, од заведувањата и лагите негови, од опасностите во кои те втурнал. Што е слепецот спрема оној кој гледа, тоа е и твојот разум спрема Божјиот. Надевај се на водачот, о слепецу! Надевај се, брату, единствено во Господа со сето свое срце.

О Господи, Кој сè гледаш, Вечен и Непогрешив Разуме, подлабок од вселената и посветол од Сонцето, избави нè и отсега од заблудите на нашиот разум. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

5 ЈУНИ

1. Свешт-мч. Доротеј еп. Тирски. Бил епископ Тирски од времето на Диоклецијан, па сè до времето на Јулијан Отстапникот, под кој бил намачен и пострадал за Христовата вера. Живеел на земјата 107 години, угодувајќи Му на Бога се преселил во вечниот живот во 361 година. Бил многу учен маж. Напишал многу поучни дела на грчки и на латински јазик. Особено е позната неговата грчко–латинска *Синтагма*.

2. Преп. Теодор пустиник. Чудотворец. Очистувајќи го својот дух со долгиот подвиг во јорданската пустина, го добил од Бога дарот на чудотворство. Патувајќи на лаѓа за Цариград, се случило лаѓата да залута и на неа снемало вода за пиење. Кога сите патници од жедта биле близу до смртта, Теодор ги подигнал рацете кон небото, се помолил на Бога и со крстен знак ја прекрстил морската вода. Потоа им рекол на бродарите да нацрпат од морето и да пијат, и кога се напиле, водата била слатка. Кога почнале сите да му се поклонуваат на Теодора, тој ги молел да не му благодарат

нему, туку на Господа Бога, Кој го направил тоа чудо според своето човекољубие. Мирно завршил во 583 година.

3. Преп. Анувиј. Еден е од големите египетски монаси. Многу пострадал за вистинската вера. Кога пред смртта го посетиле тројца старци пустиници, тој, прозорив, им ги открил сите тајни на нивните срца. Мирно завршил во втората половина на V век.

4. Блажен Игор, кнез черниговски и киевски. Гонет од своите роднини, тој го напуштил светот и се замонашил. Киевјаните, незадоволни од династијата Олгович, посакале да ја истребат. Се стрчале в манастир, го фатиле невиниот и млад схимник Игор и го убиле. Поради тоа злосторство многу беди ги постигале киевјаните. На гробот, пак, на овој блажен се гледани свеќи, сами од себе запалени, и тоа на неколку пати, а над црквата, каде што бил погребан, се видел огнен столб. Тоа било во 1147 година.

5. Преп. Петар Коришки. Родум од селото Кориша, погоре од манастирот на св. Марко кај Призрен (по друго предание, пак, од едно село кај Пеќ). Како момче орал со еден слеп вол. Бил необично кроток и безгневен. Со својата сестра Елена рано се оддалечил на подвиг. Се подвизувал многу цврсто и истрајно. Во тешката борба со демонските искушенија се покажал победоносен. Околу него се собрало мноштво на монаси и тој им бил наставник. Бегајќи од човечка слава, тој некое време се скрил во манастирот во Црна Река, каде што подоцна се подвизувал св. Јанакиј Девички. Во староста се упокоил во својата пештера во Кориша. Таа ноќ кога тој се упокоил се гледала светлина од многу свеќи во неговата пештера и се слушало ангелско пеење. Овој прекрасен светител живеел, веројатно, во XIII век. Над неговите чудотворни мошти цар Душан подигнал црква, која била хилендарски метох. Во поново време остатоците на моштите на св. Петар се пренесени во Црна Река, каде и денес почиваат.

6. Блажен Константин митрополит Киевски. Во деновите на блажениот кнез Игор, кога имало голема збрка меѓу руските кнезови, и во Црквата имало нереди и чести

промени на архијерејскиот престол. Така, по смртта на митрополитот Киевски Михаил, кнезот Изјаслав довел за митрополит некој учен монах Клима, не барајќи притоа благослов од патријархот цариградски, спротивно на древниот обичај. Тогаш патријархот го испратил овој митрополит Константин да ја извиди работата. Константин го симнал Клима и ги отстранил од црквата сите клирици кои тој ги ракоположил. Поради тоа народот се поделил: едни се држеле до Клима а други до Константина. Тогаш, по желба на руските кнезови, патријархот испратил трет, некој Теодор, а Клима и Константин ги отстранил. Кога умрел Константин, во 1159 година, го отвориле неговиот тестамент, во кој тој заколнал да не го погребуваат, туку да го фрлат во полето за кучињата да го изедат, бидејќи тој се смета себе си за виновник за збрката во Црквата. Не смеејќи да се оглушат на заветот, но сепак со голем ужас, луѓето го зеле телото на митрополитот и го фрлиле во полето, каде што лежело три дена. Тие три дена страшно грмело над Киев, молњи светкале, громови удирале и земјата се тресела. Осум луѓе загинале од гром. Над мртвото тело на Константин се појавиле три огнени столба. Видувајќи го ова, кнезот киевски наредил, та го зеле телото и чесно го погребале во црквата каде што бил и гробот на Игор. И веднаш потоа се смирила природата. Така Бог го оправдал смирениот слуга Свој.

РАСУДУВАЊЕ

Никогаш не нарушувај го постот во среда и во петок. Тој пост е заповедан од Црквата и е добро образложен. Ако некогаш во животот си го нарушил овој пост, моли се на Бога да ти опрости и повеќе не греши. Благочестивите луѓе не се сметаат себе си за разрешени од тој пост, ни на пат, па дури ни во болест. Свети Пахомиј еднаш сретнал луѓе каде што носат мртовец и видел двајца ангели во поворката. Тој почнал да се моли на Бога да му ја открие тајната за присуството на ангелите при закопот на тој човек. Какво добро направил тој човек за да го придружуваат свети ангели Бож-

ји во спроводот до гробот? Тогаш, по Божја промисла, се приближиле светите ангели до Пахомиј и вака му објасниле: „Еден од нас е ангел на средата, а вториот е ангел на петокот. Па како што овој човек секогаш, дури и до самата смрт, постел во среда и во петок, затоа и ние со чест го спроведуваме неговото тело. Како што тој до смртта го сочувал постот, затоа и ние го прославуваме".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцелување на фатениот (Мт. 9:1), и тоа:

1. како благиот Господ го повратил здравјето на фатениот човек велејќи му: „Стани и оди!"

2. како и мојата фатена (парализирана) душа ја изнесува Црквата пред Господа, Господ да ѝ го врати здравјето, само ако јас го сакам тоа.

БЕСЕДА
за оправданоста на милостината

Не одкажувај да му направиш добро на оној кој има потреба кога раката твоја има сила да му помогне (Изреки, 3:27).

Ни Господ не ти го одрекува тебе она што ти е потребно, па затоа ни ти не откажувај му на човекот кого Господ ти го испратил во пресрет за да го искушува твоето срце. Ако некој сиромав еднаш во животот ти ја пружи раката за помош, подај му и не откажувај. Сети се колку години имаш и колку минути има во еден час – секоја минута низ толку и толку илјади денови ти ја простираш својата рака кон Господа, и Господ ти дава и не откажува. Сети се на милоста Божја и твојата немилост ќе те пече како жар и нема

да ти даде мир сè додека не се покаеш и не омекнеш со срцето.

Не вели никогаш: „Ми досадија овие просјаци!“ Толку милиони луѓе живеат на земјата, и сите се просјаци пред Господа, и царевите како и наемниците, и богаташите како и слугите, а Господ никогаш не рекол: „Ми досадија овие просјаци!“ О човеку, заблагодари Му на Бога што и од тебе некој бара некакво добро, било материјално, било духовно! Тоа значи дека ти си човек од Божја доверба; значи: Бог ти доверил некое Свое добро (бидејќи сите добра се Божји). Покажи се достоен на таа доверба: покажи се достоен од малку за да ти се даде повеќе.

О Господи себогат, омекни го нашето срце и просвети го нашиот разум за да бидеме милостиви во добрините што Ти, Семилостив, си ни ги доверил. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

6 ЈУНИ

1. Преп. Висарион. Роден и воспитан во Египет. Рано се оддал на духовен живот и „не ја извалкал духовната кошула во која се облекол со светото крштавање“. Го посетил св. Герасим на Јордан и го слушал св. Исидор Пелусиот. Телото свое го победувал со голем пост и бдение, но својот подвиг го криел по можност од луѓето. Еднаш 40 дена стоел на молитва не јадејќи и не спиејќи. Една иста мантија носел и лете и зиме. Имал голем дар на чудотворство. Постојано место на престој немал, туку до длабока старост живеел по гори и долини. Исцелувал болни и правел многу други чуда во корист на луѓето, а за слава на Бога. Се упокоил мирно во 466 година. (Во грчкиот *Пролоī* овој светител се споменува под 20 февруари.)

2. Преп. Иларион Нови. Игумен на далматинскиот манастир во Цариград. Му бил ученик на св. Григориј Декаполит и поддржувач на животот на св. Иларион Велики, чие име и го зел. Моќен во молитвата и истраен и храбар во

страдањето. А страдал многу за иконите во времето на лошите иконоборечки цареви, Лав Ерменецот и другите. Потоа царот Лав го исекле со меч неговите сопствени војници во истата црква и на истото место каде што тој прв им се потсмеал на иконите и од каде што ја тргнал првата икона. Тогаш свети Иларион бил пуштен од темницата, но за малку. Повторно бил мачен и чуван во темница сѐ до правоверната царица Теодора. Бил видовит и прозирлив: ги видел ангелите Божји како ја однесуваат на небо душата на св. Теодор Студит. Угодувајќи Му на Бога, се упокоил во царството небесно во 845 година во својата 70. година.

3. Преп. мч-чки Архелаја, Текла и Сузана. Како монахињи, чисти и девствени, се подвизувале во еден незнаен манастир близу до Рим. Но кога настанало гонењето на христијаните под злобниот цар Диоклецијан, тие избегале во Кампанија и таму се населиле близу до градот Ноле. Нивниот свет живот не можел да се скрие од луѓето, кои од околните места почнале да доаѓаат кон нив барајќи совет, поука и помош за разни маки и болести. Но најпосле незнабожците ги фатиле и ги извеле пред суд. Тие јавно и слободно ја исповедале верата во Христа. Кога судијата Леонтиј ја прашал светата Архелаја за верата Христова, таа одговорила: „Со силата Христова ја поништувам силата ѓаволска, луѓето ги учам на разум да Го познаат едниот вистински Бог, а со името на мојот Господ Исус Христос единородниот Син Божји им се дава преку мене, слугинката Негова, здравје на сите болни". Сите три девици биле тепани, со врела смола поливани, во темница со глад измачувани и на крајот со меч исечени. Кога биле изведени на ѓубилиштето, им се јавиле ангели, кои и некои од џелатите ги виделе и толку се исплашиле од тоа што не смееле да го кренат мечот на светите девици. Но овие ги охрабриле да ја извршат својата должност. И така биле исечени како јагниња во 293 година и се преселиле во Царството Христово за во вечноста да се одмораат и да се насладуваат со гледањето на лицето Божјо.

РАСУДУВАЊЕ

Злорадоста е нечиста облека што нашиот дух понекогаш со задоволство ја облекува. Оној час кога ќе се зарадуваш на гревовниот пад на твојот брат, ти си паднал на радост од ѓаволот, кој со една јадица уловил две риби. Братството по тело е голема врска, но братството по дух е уште поголема. Па кога те натажува гревот на братот по тело, како да не те растажува гревот на братот по дух? И кога го криеш гревот на братот по тело, зошто злорадосно го објавуваш гревот на братот по дух? Кои се твои браќа по дух? Сите христијани – сите оние кои со тебе се причестуваат од една иста чаша, со еден ист живот. О колку големи биле светителите во братољубието! О како злорадоста била далечна за нив! За св. Висарион се раскажува следното: „Еднаш сите монаси биле собрани во храмот на молитва. Игуменот му приближил на еден монах којшто направил некој грев и му наредил да излезе од храмот. Монахот тргнал надвор и по него тргнал и Висарион, велејќи: „И ја сум исто таков грешник“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното воскреснување на Јаировата ќерка (Мт. 9:18), и тоа:

1. како Господ ги уверува луѓето дека девојката не е умрена туку спие;
2. како Он ја фатил за рака и девојката станала жива;
3. како и мојата мртва од гревот душа Господ може да ја воскресне со еден допир со Својот Животворен Дух.

БЕСЕДА
за чувањето на срцето

Од сѐ, што е за пазење, најмногу чувај го срцето свое затоа од него се изворите на животот (Изреки, 4:23).

Во срцето е волјата, во срцето е љубовта, во срцето е разумот, во срцето е образот на Пресветата Божја Троица. Срцето е дом на Отецот, и жртвеник на Синот, и работилница на Светиот Дух. Бог го сака срцето: „сине, дај ми го срцето!“ О брату мој, цел на сѐ што се чува е да го чуваш своето срце. Нека се превртат планините, нека се исушат морињата, нека те остават пријателите, богатството нека те изневери, телото нека ти го изедат црви, светот нека ја истури врз тебе сета поруга што ја има, а ти не плаши се, само чувај го срцето свое, чувај го и прилепи го кон Господа, подај Му го на Господа. Од срцето излегува животот – од каде во него живот ако во него не престојува духот на господарот од изворот на животот – од Бога?

„Добриот човек од доброто сокровиште изнесува добро, а лошиот од лошото сокровиште – лошо“ (Мт. 12:35). Тоа се зборови на Господа, Кој го полни сокровиштето на твоето срце со Своето богатство. Што е тоа добар човек? Тоа е добро сокровиште на срцето. Што е тоа лош човек? Тоа е лошо сокровиште на срцето. „Од срцето (на лошиот човек) излегуваат лоши помисли, убиства, прељубодејства, блудства, кражби, лажни сведоштва, хули (Мт. 15:19); а од доброто срце излегува мирот, долготрпеливоста, добротата, милосрдноста, верата, кроткоста, воздржливоста“ (Гал. 5:22–23). Гледаш ли како човечкото срце е огромно сокровиште? Гледаш ли што сѐ може да се собере во човечкото срце? О брату, самиот Бог Светиот Дух кога ќе благоизволи може да застане во човечкото срце. И не само што може, туку и сака. Само Он чека ти да го подготвиш срцето за Него. Да го претвориш во храм, бидејќи Бог Светиот Дух само во храм престојува. Како што змијата ја варди главата, така и

ти, синко, чувај го своето срце, бидејќи во него влегува и од него излегува животот, што е од Живиот Бог.

Господи, Жовотодавецу, помогни ни да го сочуваме своето срце за Тебе, за Тебе Господи! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

7 ЈУНИ

1. Св. мч. Теодот Анкирски. Овој Христов маченик бил таен христијанин и како таков ја помагал Црквата и ги погребувал чесно телата на св. маченици. Така, тој ги погребал и телата на седумте девојки, кои пострадале за Христа. Кога дознале за него незнабожците, го изложиле и него на маки и го погубиле (види за него уште под 18 мај).

2. Св. мч-чки Кириакија, Велерија и Марија. Сите овие три маченички биле од Кесарија Палестинска. Кога било гонењето на христијаните, тие се повлекле од градот во една колиба и тука непрестајно, на Бога Му се молеле, постејќи и плачејќи за верата Христова да се распространи по целиот свет и да престане гонењето на Црквата. По некоја клевета биле изведени на суд, мачени и убиени во 304 година. Така овие славни девици се венчале со маченички венец.

3. Свешт-мч. Маркел папа Римски. Во времето на Максимијан бил осуден да ја чува стоката на едно одредено место. За да му угоди на Диоклецијан, кој го земал за соцар, Максимијан почнал да ѕида бањи во Рим, таканаречени „терми“ и ги терал христијаните на таа работа како некогаш фараонот Евреите во Египет. Многу христијани пострадале тогаш. Пострадал и ѓаконот Кириак, кој имал голема власт над демоните и кој ја излекувал демонизираната ќерка на Диоклецијан, Артемија, и ќерката на персискиот цар, Јовија, и ги крстил и едната и другата. Тогаш пострадала и Артемија, и ѓаконите: Сисиниј, Смарагд и Ларгиј, другари на Киријак, и ѓаконот Апронијан, и двајца новокрстени римски војници, Папиј и Мавр, и старецот Сатурнин и Крискентијан, и блажените девици Прискила и Лукина, кои од своето богат-

ство направиле гробници за убиените христијански маченици. Свети Маркел папа долго ја чувал стоката, па најпосле од гладот, понижувањето и угнетувањето од војниците издивнал и ја предал својата душа на Бога.

4. Свешт-мч. Маркелин папа Римски. Маркелин му бил претходник на римскиот престол на папата Маркел. Па кога царот Диоклецијан го повикал и му се заканил со мачење, тој им принел жртва на идолите, поради што царот го дарувал со драгоцена одежда. Но Маркелин луто се покајал и почнал да плаче ден и ноќ поради своето одрекување од Христа како некогаш и апостол Петар. Во тоа време се одржувал некој собор на епископи во Кампанија. Папата се облекол во партали и ја посипал главата со пепел, па влегол во соборот и пред сите го исповедал својот грев, молејќи да му судат. Отците му рекле тој самиот на себе си да си суди. Тогаш тој рекол: „Се лишувам себе си од свештеничкиот чин за кого не сум достоен; и уште: телото по смртта да не ми се погребува, туку да се фрли на кучињата!" Тоа го рекол и му изрекол клетва на оној кој би се осудил да го погребе. Потоа отишол кај царот Диоклецијан, ја фрлил пред него драгоцената одежда, ја исповедал верата во Христа и ги нагрдил идолите. Разјарен царот наредил да го мачат и потоа го убиле надвор од градот заедно со тројца добри мажи: Клавдиј, Кирин и Антонин. Телата на овие тројца биле веднаш погребани, а телото на папата лежело 36 дена. Тогаш му се јавил св. Петар на новиот папа Маркел и му наредил да го погреба телото на Маркелин оти, рекол: „Кој се смирува, ќе биде воздигнат".

5. Преп. Данил Скитски. Игумен на познатиот Скит во Египет. Ученик на св. Арсениј и учител на многумина. Многу негови зборови и поуки се како патоводни ѕвезди за монасите. Еднаш, кога варвари го нападнале Скитот, го повикале братијата да бега заедно со нив. Тој им одговорил: „Ако Бог не се грижи за мене, зошто ми служи и да живеам?" Уште зборувал Данил: „Во колку телото твое се здебелува, во толку душата ти ослабува". Четириесет години се подвизувал во општожитие, а потоа, во 420 година, се пов-

лекол во пустина. Тој се погодил во Александрија кога еден опак свекор ја убил својата снаа поради нејзиното целомудрие, св. Томаида (види, 13 април), и тој со својот ученик ја погребал оваа страдалница.

РАСУДУВАЊЕ

Кај светителите свеста е многу изострена. Она што обичните луѓе го сметаат за мал грев, светителите го сметаат за голем престап. За ава Данил се раскажува дека трипати го фаќале ајдуци и го воделе во гората. Двапати среќно се спасил од ропство, а третиот пат кога сакал да побегне, со камен го удрил едниот од нив, го убил и побегнал. Тоа убиство му паднало на совеста како тешко олово. Во недоумица што да прави, отишол кај Александрискиот патријарх Тимотеј, му се исповедал и побарал совет. Патријархот го ублажил и го ослободил од секаква епитимија. Меѓутоа, него совеста го гризела и тој отишол во Рим кај папата. И папата му го рекол истото што и патријархот Тимотеј. Пак незадоволен Данил со ред ги посетил останатите патријарси: во Цариград, Антиохија и Ерусалим, исповедувајќи им се на сите и барајќи совет. Но, останал незадоволен. Тогаш се вратил во Александрија и се пријавил на властите дека е убиец. Власта го затворила. Кога било судењето пред кнезот, Данил раскажал сè како што било и замолил и тој да биде убиен за да ја спаси душата од вечниот оган. Кнезот на сето тоа се зачудил и му рекол: „Оди си, оче, моли се на Бога и за мене, па макар и да убиеш уште седуммина други!“ Незадоволен и со ова, Данил се решил да земе еден губав човек да го однесе кај себе во келијата и да му служи до смртта, а кога овој ќе умре, тогаш да земе друг. Така и направил; и дури на тој начин ја успокоил својата совест.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцелување на крвоточивата жена (Мт. 9:20), и тоа:

1. како крвоточната жена со голема вера се допрела до крајот од облеката на Господа Исуса и оздравела;

2. како е и мојата душа како крвоточната жена сè додека му робува на телото и на крвта;

3. како со еден допир до Христа Господа мојата душа може да биде исцелена и одухотворена.

БЕСЕДА
за угледување на мравките

Оди кај мравката, мрзливче, види ја нејзината работа и биди мудар (Изреки, 6:6).

Волјата на Творецот, Кој нè испратил во овој свет, е да твориме додека сме во светот. Самиот Господ Исус заповеда: *Творете, стражарете*! Он ги фали оние кои ги умножуваат дадените таланти и ги осудува мрзеливите кои ги закопуваат своите таланти. Своето време на земјата Он го нарекува служба и вели дека не дошол да Му служат, туку Он да послужи. Он го зема за пример Својот Отец небесен, и вели: „Мојот Отец досега твореше и Јас творам. Творете додека имате светлина“, им наредува на Своите ученици.

О колку страшен срам за човек кога за пример на вредност му се истакнува мравката, една бесловесна твар! Но кога човекот не умее да се угледа на вредноста на Бога, потребно е да се упати барем на мравката. Мравката цело лето работи и си подготвува зимница. Дали и ние, браќа, си подготвуваме зимница што ќе ја отвориме и ќе ја покажеме по смртта? О да не излеземе со празни раце пред Оној Кој со полни раце ни дава додека сме во овој живот!

Мрзеливоста е еден од смртните гревови, бидејќи ја умртвува човековата душа. Мрзеливото тело е гнездо на порокот; мрзливата душа е населба на ѓаволот.

Господи Семоќен, Кој си мир и творење во исто време, избави нè од погубната мрзеливост и подигни нè со Твојот Свет Дух на сите добри дела заради спасение на нашите души. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

8 ЈУНИ

1. Св. Ефрем патријарх Антиохиски. Во времето на византискиот цар Анастасиј, Ефрем бил војвода на источните страни. Им бил познат на сите поради својата голема побожност и милосрдие и поради тоа многу бил почитуван. Кога требало да се обнови Антиохија, разурната од земјотрес и оган, царот го определил Ефрема војводата да раководи со таа работа. Ефрем ја исполнувал својата должност со прилежност и љубов. Меѓу обичните работници бил и некој епископ, кој од непознати причини го оставил епископството и работел како обичен работник и никој не знаел дека тој човек е епископ. Еден ден тој човек прилегнал да се одмори од тешката работа со останатите работници и заспал. А војводата Ефрем, погледнувајќи, видел огнен столб како се издига од тој човек, па сè до небесата. Зачуден и вџашен, Ефрем потоа го повикал тој човек и го заколнал да му каже кој е тој. Човекот долго се притеснувал, но најпосле признал дека е епископ и му прорекол на Ефрема дека наскоро ќе биде посветен за патријарх антиохиски (местото на патријархот било испразнето зашто во земјотресот загинал стариот патријарх Енфрасиј). И навистина во тие денови Ефрем бил избран и посветен за патријарх. Поради неговата добрина, чистота и ревност за христијанството, му се дало од Бога голем дар на чудотворство. Еднаш, за да го убеди еден еретик дека христијанството е вистинито, го ставил во оган својот омофор, а тој се молел на Бога. И омофорот стоел во огнот три часа и останал неоштетен. Кога го видел го тоа,

еретикот го фатило ужас и ја отфрлил ереста. Свети Ефрем умрел во мир, во 546 година и се преселил во Царството Божјо.

2. Преп. Зосим Финикиски. Овој светител бил роден во селото Синди, во околината на градот Тир. Се подвизувал во близина на градот Тир во својот манастир. Немајќи никаква дамка на својата совест, прозирал со својот дух во далечина и знаел што се случува во светот. Така го прозрел и го видел падот на Антиохија од земјотрес, и горко плачејќи се прострел по земјата и Го молел Бога да не го уништи до крај тој град. Еднаш се случило, на патот, лав да му го нападне и да му го изеде магарето. Светителот му наредил на лавот наместо магарето да му служи и да го понесе товарот. Лавот се покажал пред светителот кроток како јагне, го примил бремето на себе и го донесол до вратата на градот Кесарија, каде што Зосим го ослободил и го отпуштил. Свети Зосим се упокоил мирно во VI столетие.

3. Св. вмч. Теодор Стратилат. Овој светител се празнува на 8 февруари и неговото житие е таму опишано. На 8 јуни, пак, се празнува преносот на неговите мошти од Ираклија во Евхаит. Така му оставил завет св. Теодор, при страдањето, на својот слуга Вар: „Телото мое, рекол, положи го во Евхаит на имотот на моите предци". Свети Атанасиј Синајски го запишал ова чудо од иконата на св. Теодор: во местото Карсат во близина на Дамаск имало една црква во чест на св. Теодор Стратилат. Кога Сарацените го покориле Дамаск, една група Сарацени со жените и децата се населила во таа црква. На ѕидот имало фреска со ликот на св. Теодор Стратилат. Еден Сарацен пуштил стрела и го удрил ликот на светителот во лицето. Одеднаш крв потекла од ликот. Наскоро потоа целата таа група Сарацени изумрела тука во црквата. Свети Атанасиј вели дека тој лично бил во таа црква, го видел ликот на светителот на ѕидот и трагите од истечената крв.

РАСУДУВАЊЕ

Страв во страдањето и страв од нестрадање. Тоа е еден ист страв и тој ја означува плашливоста на човекот дали не се оддалечил Бог од него. Кога света Катерина претрпела многу тешки маки, ѝ се јавил Господ и таа Го прашала: „Каде беше досега, Господи, да ме утешиш во толку страдања?“ А Господ ѝ одговорил: „Јас бев овде, во твоето срце“. Но не помал страв може да наиде на духовниот човек кога долго време на него наидуваат страдања. Влегол некој инок во една црква во Александрија и видел како некоја жена коленичи пред Спасителовата икона и со плач вика кон Господа: „Си ме оставил, Господи, помилуј ме, Милостив!“ По молитвата, инокот ја прашал жената: „Кој те навредил што толку горко Му се жалиш на Господа?“ Жената одговорила: „Досега никој не ме навредил; и токму затоа јас и плачам, бидејќи Бог ме оставил и за три години не ме посетил со никакво страдање. За тоа време ниту јас сум боледувала, ниту мојот син, ниту пак нешто од домашните животни ми пропаднало“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцувам за чудното исцелување на двајцата слепци (Мт. 9:27), и тоа:

1. како слепците викале кон Господа за да им ги отвори очите;

2. како Господ се допрел до нивните очи и им направил според верата, и тие прогледале;

3. како може и мојата слепа душа Господ да ја допре и да ми го поврати духовниот вид, ако со вера кон Него повикам.

БЕСЕДА
за Царот над царевите

Преку мене цареви царуваат и заповедници правда озаконуваат; преку мене началници управуваат и големци и сите судии земни, Ги сакам оние кои мене ме сакаат... (Изреки, 8:15–17).

Царот да не помислува дека со своја сила и мудрост царува, бидејќи ќе биде понижен од бессилните и безумните. Владетелот да не помислува дека според својот ум и волја ја поставува правдата помеѓу луѓето, да не помислува смешна безумност и за децата. Кнезовите, поглаварите и судиите да не помислат да владеат според нечија волја и милост, освен по Божја волја и милост, бидејќи до смрт ќе паднат низ поледицата по која се лизгаат сите оние што Го забораваат Бога.

„Ги сакам оние кои мене ме сакаат“, говори Господ. Тоа Господ им го кажува на прво место на царевите, кнезовите и човечките судии. Бидејќи, ако тие го љубат Господа, тие му се мили многу на Господа. Ако тие Го љубат Господа и народите ќе Го љубат над кои тие владеат и судат. А ако народите Го љубат Господа, ќе ги љубат и своите цареви, кнезови и судии.

Доколку еден човек е воздигнат со власт и чест над луѓето, дотолку треба да е поблиску до Бога од луѓето над кои тој е воздигнат.

О браќа мои, Господ се распнал за нас на крстот и со тоа ја покажал Својата љубов кон нас. Оној Кој се распнал за нас, навистина повеќе нè љуби од оној кој само се весели со нас на трпезата. Па кога ги љубиме толку многу своите пријатели околу трпезата, како да не Го љубиме Оној Кој од љубов кон нас се распнал на крстот?

О Господи благословен, отвори ни го духовниот вид за да ја видиме целата неизмерна длабочина на Твојата љу-

бов и ние да ја разгориме нашата љубов кон Тебе! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

9 ЈУНИ

1. Св. Кирил архиеп. Александриски. Од благородно потекло е и близок роднина на Теофил Александриски, по чија смрт бил посветен за патријарх. За време на својот живот водел три лути борби: со еретиците новацијани, со еретикот Несториј и со Евреите во Александрија. Новацијаните настанале во Рим и така биле наречени по презвитерот Новациј, ересоначалникот. Тие се гордееле со својата добродетел, шетале облечени во бела облека, забранувале втор брак и држеле дека не треба да се молиме за оние кои ќе направат смртен грев, ниту да ги примаме назад во црквата оние кои еднаш ќе отпаднат од Црквата, па макар тие горко да се каат. Кирил нив ги победил и ги истерал од Александрија заедно со нивниот епископ. Со Евреите борбата била многу потешка и покрвава. Евреите се осилиле во Александрија уште од почетокот, откако Александар Велики го основал тој град. Нивната омраза кон христијаните била бесна и свирепа. Тие ги убивале христијаните подмолно, ги труеле, на крст ги распнувале. По долгата и тешка борба, Кирил успеал кај царот Теодосиј Помладиот да се протераат Евреите од Александрија. Неговата борба, пак, против Несториј, патријархот Цариградски, ја решил Третиот вселенски собор во Ефес. На тој Собор претседавал самиот Кирил, застапувајќи го во исто време и римскиот папа Целестин, по молба на овој, кој поради староста не можел да дојде на Соборот. Несториј бил осуден, анатемисан и од царот прогонет на источната граница на царството, каде и умрел со страшна смрт (црви му го изеле јазикот, со кој ѝ хулел на Пресвета Богородица, нарекувајќи ја Христородица). По завршената борба, Кирил во мир проживеал и ревносно го пасел стадото Христово. Се претставил на Господа во 444 го-

дина. За него се зборува дека ја составил „Богородице Дево радувај се!“

2. Св. Кирил Белоезерски. Роден и воспитан во Москва во куќа на големци. Потстрижен во манастирот на Симон каде што се подвизувал на восхит на сите останати монаси. За да ја скрие својата добродетел, се правел јуродив (налудничав). Разговарал лично со св. Сергиј Радонежски и од него примил многу поучни поуки. Не по своја волја, бил избран за игумен на тој манастир. Но тој постојано ѝ се молел на Пресвета Богородица да му го покаже патот каде во безмолвие би се подвизувал. Една ноќ видел голема светлина и чул глас: „Кириле, излези оттука и оди на Бело Езеро!“ И тој навистина излегол од Симоновиот манастир со еден другар, отишол во белоезерските предели и таму, во густа борова шума, почнал да се подвизува. По време таа пустина се претворила во голема обител. Преп. Кирил добил од Бога голем дар на чудотворство, та болни исцелувал и многу други чуда правел. Се претставил во 1429 година, во 90. година од својот живот, и се преселил кон Господа, Кого цел век Го љубел со огнена љубов.

РАСУДУВАЊЕ

Ние грешиме, ако сметаме дека ни е должност да ги мразиме оние кои ги мразат нашите роднини. Таа омраза преминува на нас како некоја семејна болест. Усвојувајќи ја љубовта на своите роднини, ние ја усвојуваме и нивната омраза. На таа слабост понекогаш потклекнувале и некои големи духовници. Патријархот Теофил никако не го сакал св. Јована Златоуст и до смртта останал негов огорчен противник. Свети Кирил, негов роднина и наследник на престолот александриски, ја примил таа омраза против Златоустиот светител и долго ја носел во себе. Залудно го советувал св. Исидор Пелусиот да го промени своето мислење за Златоуст и да го запише во диптихот на светите: Кирил не можел да ја промени својата лоша волја. Тогаш Пресвета Богородица, за чија слава и чест толку се борел Кирил про-

тив Несториј, му се јавила на Кирил во една визија со мноштво ангели и со Јован Златоуст во голема слава. И Светата Пречиста го замолила Златоуста да му опрости на Кирила, и тие се прегрнале и се целивале еден со друг. Таа визија целосно го променила чувството на Кирила кон Златоуст и Кирил со срам се каел што онака неразумно го мразел дотогаш. Затоа сѐ до смртта правел сѐ за да го прослави што повеќе Златоуста како голем Божји светител.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцелување на немиот и бесниот (Мт. 9:32), и тоа:

1. како Господ го избрка од него ѓаволот и немиот проговорил;

2. како ѓаволот со сите сили се труди да ја направи мојата душа нема за да не го прославува Бога;

3. како може Господ, ако јас посакам, со еден збор да го оддалечи од мене нечистиот дух и да ме направи харфа на славата Божја.

БЕСЕДА
за оние кои ја љубат смртта

Сите што ме мразат мене, ја сакаат смртта (Изреки, 8:36).

Така говори Господ, Создателот на небото и на Земјата, преку Својот пророк. Кој ја мрази Божјата Мудрост, Го мрази Бога, а кој Го мрази Бога, што има друго освен смрт? Не е ли смрт сѐ што е вон Бога? Сонцето и ѕвездите, морињата и планините, животните и билките, што е сето тоа освен мртва прашина, вообличена и оживеана со Божја сила, со збор Божји, со Мудрост Божја? Кој не Го љуби Бога, тој не само што не Го сака Бога, туку тој не сака ништо што

е од Бога, т.е. ни убавината на ѕвездите, ни поредокот на морињата и планините, ни животната сила што е во животните и во билките. Кој не Го љуби Бога, тој Го иззема и Го оддалечува Бога од природата. Што останува тогаш? Само мртва, обезличена, темна прашина, само смртта. Но и таа прашина е создадена од Бога. И таа прашина мора богомразецот да Му ја даде на Бога и она што надминува тоа да го љуби. А што надминува? Само она што не се допира до Бога, т.е. смртта, гревот и ѓаволот. Кој не Го љуби Бога, тој, всушност, ја љуби смртта, гревот и ѓаволот. Секој богомразец е играчка на ѓаволот, плод на гревот и залог на смртта.

Ако Те мразиме Тебе, о Господи на љубовта, немаме кого, ниту што да сакаме. Бидејќи и она што го сакаме на земјата, заради Тебе го сакаме; и способноста да сакаме е од Тебе. Безумен е оној кој ги сака зраците, а го мрази сонцето и оној кој ги сака капките вода, а го мрази изворот.

Вдахни нè со животворна љубов кон Тебе, Сељубен Господи наш. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

10 ЈУНИ

1. Свешт-мч. Тимотеј еп. Бруски. Заради големата чистота на душата, Бог му дал дар на чудотворство, та им ги лекувал сите болести и маки на луѓето. Во времето на опакиот цар Јулијан, кој се одрекол од Христа, свети Тимотеј бил фрлен во темница. Верниците го посетувале и во темницата за да слушнат мудра поука од својот архипастир. Дознавајќи за тоа, Јулијан наредил, та џелатот му ја пресекол главата во темницата, во 362 година. Неговата душата отишла во Рајот, а моштите останале чудотворни да им помагаат на луѓето и да ја јавуваат силата Божја.

2. Св. мч-ци Александар и Антонина. Двајцата биле од Александрија, Антонина чесна девица, а Александар царски војник. Двајцата биле христијани. Прво Антонина била изведена на суд и на мачење. Па кога неа ја фрлиле во темница, Александар, по наредба на ангел Божји, отишол во

темницата (иако дотогаш ѝ бил непознат на Антонина), ја покрил со својот војнички плашт, ѝ рекол да ја наведне главата и да оди низ стражарите пред вратата. Така девицата избегала, а војникот останал во темницата. Тогаш го извеле Александар пред судијата и почнале да го измачуваат поради името Христово. Разбирајќи за тоа, Антонина самата му се пријавила на судијата, кој и двајцата почнал да ги става на разни маки. Им ги исекол рацете, потоа ги тепал по голо тело, а раните им ги горел со свеќи и најпосле ги фрлил во оган што бил наложен во една дупка и ги закопал со земја. Чесно пострадале заради љубовта Христова и се преселиле во дворовите на Царот небесен на 3 мај 313 година. Злобниот судија, Фист, во часот на смртта на маченикот, останал нем и го нападнал духот на бесот, кој го измачувал 7 дена и најпосле го убил.

3. Св. Васијан еп. Лавдикиски. Роден е во Сиракуза како незнабожец од незнабожни, угледни и богати родители. Воспитан со филозофија во Рим. По својата топла желба бил крстен од некој благочестив старец Гордијан. Тоа ги навредило неговите родители и за да го избегне нивниот гнев, по заповед на св. Јован Богослов, кој му се јавил, отишол во Равена и му се јавил на епископот Урс, својот роднина. По упатството на епископот, Васијан се настанил кај црквата посветена на св. Аполинариј, надвор од градот и тука долго се подвизувал со труд, пост и молитва. Кога умрел епископот во градот Лавдикија во Лигурија, Васијан бил избран за епископ, според некое откровение во сон, иако тој тоа не го сакал. Бил посветен за архијереј од Амвросиј Милански и Урс Равенски. Имал голема благодат на исцелување, можел и мртви да воскреснува. Бил присутен на последните мигови на св. Амвросиј и чул од устата на овој како Го гледа Господа, Исус Христос. Поживеал во труд и подвиг до длабока старост и во 90. година од својот живот завршил и се преселил во Царството Божјо околу 409 година. Неговите свети мошти останале чудотворни да сведочат за силата Божја и величината на Божјиот светител.

РАСУДУВАЊЕ

Не е сеедно да го јадеш својот оброк со благослов и да го јадеш без благослов. Секој оброк е Божја трпеза што Бог ја поставил за нас. Затоа треба на Бога, како на домаќин, да му се заблагодари и да се проси Неговиот благослов. Благословеното јадење е послатко и позаситено, додека неблагословеното е и невкусно и незаситува – тоа не е здраво. Еднаш царот Теодосиј Помладиот излегол на прошетка во околината на Цариград, па догледувајќи ја колибата на некој монах подвлегол во неа. Старецот го прашал царот дали сака да јаде? „Сакам“, одговорил царот. Старецот изнел пред царот леб, масло, сол и вода. Царот јадел и пиел, па го прашал монахот: „Знаеш ли ти кој сум јас?“ „Бог те знае!“ – одговорил монахот. „Јас сум царот Теодосиј“. Монахот, молчејќи, му се поклонил на царот. Царот му рекол: „Јас сум цар и од цар сум роден, но верувај ми, никогаш во животот не сум јадел толку вкусно како денес кај тебе“. „А знаеш ли заради што?“ – рекол старецот. „Заради тоа што, продолжил тој, ние монасите, секогаш со молитва и со благослов ја подготвуваме храната, оттука и лошата храна кај нас се претвора во вкусна; кај вас, пак, подготвуваат храна со многу труд, но благослов не бараат (од Бога) и затоа и вкусната храна не е вкусна“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцувам за чудното исцелување на човекот со исушена рака (Мт. 12:10), и тоа:

1. како Господ му рекол на суворакиот: „Пружи ја својата рака! Пружи ја“;

2. како и моите раце се исушени кога не давам милостина. Господ непрестајно ми говори: „Пружи ја својата рака!“

БЕСЕДА
за тоа како грешникот го снаоѓа она од што се плаши

Од она од што се плаши нечестивиот, тоа и ќе го снајде, а желбата на праведниците ќе се исполни (Изреки, 10:24).

Безбожникот се плаши од смртта што брзо доаѓа, крадецот се плаши од разбивачите, убиецот се плаши од мечот, горделивиот се плаши од срамот, отимачот се плаши од глад, лакомиот се плаши од болест, клеветникот се плаши од судот на вистината. Она од што се плаши нечестивиот, тоа и ќе го снајде.

Праведникот сака чиста совест, вистински мисли, мир, милосрдие, љубов, вистина, правда, кроткост. И тоа Бог му го дава додека е овде на земјата. Праведникот сака Царство Божјо, сака Рај, сака друштво од ангели и светители, сака гледање на лицето Божјо во бесмртниот живот. И Бог сето тоа му го дава тогаш кога ќе го повика кај Себе.

Колку е праведен Господ кон нечестивите и колку е преблаг кон праведниците! Она од што нечестивиот се плаши, тоа Господ му го допушта, а она од што праведникот се плаши, тоа Господ го отклонува од него. Од што се плаши праведникот? Само од гревот. И Бог го отклонува гревот од праведникот и ги управува неговите нозе на патот на доблелите, и Бог го чува праведникот од лоши духови, од сејачите на гревот и со Својата благодат го полева посевот на добродетели во неговото срце.

О Господи, Кој сè гледаш, сочувај нè од нечестиви патишта, од нечестива печалба и од страв на нечестивиот! Помогни му на нашето колебливо срце да се утврди во желбата само за она што ти е Тебе угодно. Бидејќи она што Ти е Тебе угодно тоа на крајот ќе победи и ќе царува, а сето останато ќе биде предадено на скапување и заборав. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

11 ЈУНИ

1. Св. ап. Вартоломеј. Еден е од дванаесетте големи апостоли. По сè изгледа дека Вартоломеј и Натанаил е едно исто лице. Здружен со апостол Филип и со сестрата Филипова, девицата Маријама – а за некое време и со св. Јован Богослов – го проповедал ***Евангелието*** прво по Азија, потоа во Индија и најпосле во Ерменија, каде што и завршил маченички. Во Ерапол овие свети апостоли со молитва умртвиле голема змија, која незнабожците во храмот ја чувале и ја обожувале. Во истиот тој град со молитва му дале вид на Стахија, кој 40 години бил слеп. Тука на нив се кренала маса од народ, та и Филипа и Вартоломеја ги распнале на крст (Вартоломеја наопаку). Во тоа време настанал земјотрес, од кој загинале лошите судии и многу народ. Чувствувајќи го тоа како казна Божја, многумина притрчале да ги симнат апостолите од крстовите, но Филип веќе издивнал, додека Вартоломеј бил уште жив. Потоа, Вартоломеј отишол во Индија, каде што го проповедал и на индиски јазик го превел ***Евангелието*** според Матеј. Потоа преминал во Ерменија, каде што ја исцелил царевата ќерка од лудило. Но завидливиот царев брат Астијаг го фатил Божјиот апостол и го распнал на крст, па потоа кожата му ја одрал и најпосле главата му ја отсекол во Албанопол Ерменски. Неговото тело христијаните чесно го погребале во оловен сандак. Бидејќи над неговите мошти се случувале многу чуда, незнабожците го зеле сандакот и го фрлиле во морето. Но водата го донесла сандакот до липарските острови, каде што епископот Агатон, по откровение, го дочекал и го погребал во храмот. Свети Вартоломеј му се јавил в црква на преп. Јосиф Песнописец, облечен во бели ризи и го благословил со ***Евангелието*** за да може да пее духовни песни: „Нека од твојот јазик потечат води, од небесна мудрост!“ Уште му се јавил и на царот Анастасиј (491–518) и му рекол дека ќе го чува новоизградениот град Дари. Подоцна моштите на овој голем

апостол биле пренесувани во Беневент, па во Рим. Над нив се случувале големи и страшни чуда.

2. Св. ап. Варнава. Еден е од седумдесетмината. Роден на Кипар од богати родители од Левиевото племе и учел заедно со Савле кај Гамалиил. Прво се викал Јосиф, но апостолите го нарекле Варнава, Син на утехата, бидејќи умеел несекојдневно да ги теши човечките души. По обраќањето на Савле, тој прв го вовел меѓу апостолите; а потоа со Павле и Марко го проповедал ***Евангелието*** во Антиохија и по други места. По сè изгледа, тој прв проповедал и во Рим и во Милано. Пострадал на островот Кипар од Евреите и бил погребан од Марко, кај западните врати на градот Саламин, со *Матеевото* ***Евангелие*** на градите што тој со своја рака го препишал. Неговиот гроб останал непознат неколку века, но бидејќи многумина добивале исцеление од болестите на тоа место, тоа е наречено „Место на здравјето". Во времето на царот Зинон и Халкидонскиот собор апостолот му се јавил на архиепископот кипарски Антим, и тоа три пати во три ноќи, и му го објавил својот гроб. Тоа јавување на апостолот се случило токму во она време кога властољубивиот антиохиски патријарх Петар барал Кипарската црква да биде под власт на антиохискиот престол. Но по јавувањето и откривањето на чудотворните мошти на св. ап. Варнава, било востановено Кипарската црква како апостолска да биде за навек самостојна. Така постанала автокефалноста на Кипарската црква.

3. Празнување на иконата „Достојно ест" и чудото што се случило пред неа во времето на патријархот Никола Хрисоверг (983–996). Тоа чудо се состои во ова. Една ноќ монахот го читал канонот на Богородица и ја пеел песната „Почесна од херувимите..." во ќелијата на манастирот „Пантократор", сега наречена „Навистина е достојно". Неговиот старец отишол во Кареја. Одеднаш во келијата се јавил човек и почнал да ја пее: „Навистина е достојно". Таа песна дотогаш била непозната во Црквата. Монахот кога ја слушнал таа песна, се возбудил, како поради содржината, така и поради прекрасното небесно пеење. „Кај нас вака пеат" му

рекол туѓинецот на монахот. Монахот посакал да ја има таа песна напишано и донесол една камена плоча, на која туѓинецот со прст ја испишал песната како по восок и одеднаш го снемало. Тој туѓинец бил архангелот Гаврил. Таа плоча е пренесена во Цариград, а песната и до денес останала во Црквата.

РАСУДУВАЊЕ

Вистинскиот пријател се моли на Бога за својот пријател. Вистинскиот пријател се грижи за спасение на душата на својот пријател. Да се одвраќа пријателот од лажни патишта и да се управува на патот на вистината – тоа е драгоцено пријателство. Божјите светители се најдобри пријатели на луѓето. Двајцата млади, Варнава и Павле, биле пријатели додека оделе заедно во училиштето на Гамалиил. Кога Варнава постанал христијанин, тој истрајно и со солзи Му се молел на Бога и на Павлета да му го просвети разумот и каменото срце за да постане и тој христијанин. Честопати Варнава му говорел на Павлета за Христа Господа, но Павле му се потсмевал и го сметал за заведен. Благиот Господ, пак, не ги оставил молитвите на Варнава без плод. Благиот Господ му се јавил на Павлета и го обратил од лажниот пат на патот на вистината. Обратениот Павле тогаш паднал пред нозете на својот пријател и извикнал: „О Варнава, учителу на вистината, сега се уверив дека сè што ми говореше за Христа е вистина!“ Варнава заплакал од радост и го прегрнал својот пријател. Пријателот ја спасил душата на својот пријател со усрдната молитва. Варнава да би успеал да го постави Павлета за римски цар, помалку би му сторил отколку што со молитвата успеал да го приведе кон вистината.

СОЗРЕЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцелување на слепиот и немиот човек (Мт. 12:22), и тоа:

1. како Господ го исцелил човекот, кој бил и слеп и нем;

2. како и мојата душа слепа и нема заради оддалеченоста од Христа Господ може моментално да ја исцели, само ако јас ја приведам кон Господа.

БЕСЕДА
за господарот и слугата

Кој ја жали ӣрачкаӣа своја, ӷо мрази синоӣ свој, а кој ӷо сака, ӷо казнува за да ӷо ӣоӣрави (Изреки, 13:25).

Божјото човекољубие го надминува човечкото човекољубие како што небото ја надминува земјата, па сепак човекољубивиот Бог ги кара луѓето. Бог ги кара луѓето не за да ги погуби туку да ги поправи и да ги спаси. О благословено карање од љубов! *Зашӣо Госӣод ӷо казнува оној коӷо шӣо ӷо сака; ӷо камшикува секој син коӷо шӣо ӷо ӣрима* (Евр. 12:6). Со што Бог казнува? Со прачка. Со каква прачка? Прачка на болест, прачка на немоќ, прачка на загуба, прачка на глад, прачка на неплодност, прачка на суша, прачка на поплава, прачка на смрт на роднини и пријатели, прачка на лоши демони кога со овие ќе попушти власта над човекот. Тоа се прачките Божји со кои Бог ги казнува своите деца за да ги поправи, вразуми, просвети и спаси.

Зошто родителот да не ги бие своите деца, ако навистина ги сака? Прачката е орудие на голема љубов и грижа. Ако детето не е осетливо за духовните карања, тоа е осетливо за прачката. И колку што некое дете е неосетливо со духот и совеста, поосетливо е со телото. Телото и не е дадено на човекот само за себе нешто да значи, туку да биде слуга

на духот, да му помогне на духот, да му користи на духот. Ако телесната казна го пробуди духот во човекот, а со духот и совеста, тогаш телото совршено ја исполнило својата должност кон духот, својот господар. Ако спие господарот, тогаш се удира на слугите за да го разбудат. Ако слугите го разбудат господарот во часот на опасноста, нема да ги жалат ударите што ги добиле, бидејќи го спасиле својот господар. А разбудениот и спасен господар ќе умее да им се оддолжи на своите слуги. Оттука, навистина, кој ја жали прачката, тој го мрази својот син. Кој го поштедува слугата, го издава господарот.

О Премудар Господи, отвори го срцето на родителите за да ја примат оваа Твоја света поука. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

12 ЈУНИ

1. Преп. Онуфриј Велики. Полни 60 години проживеал на овој свет како подвижник во пустина кога го посетил монахот Пафнутиј. Косата и брадата му достигнувале до земја, а телото му било обраснато со долго влакно поради долговремената голотија. Сите влакна на него биле бели како снег и целиот негов изглед бил блескав, возвишен и страшен. Кога го видел Пафнутија, тој гоословил по име, па потоа му го раскажал своето житие во пустината. Неговиот ангел–чувар му се јавил и го довел на тоа место во пустината. Долго време се хранел само со зелје, коешто ретко се наоѓало во пустината, а потоа, кога ја издржал острата борба со искушенијата демонски и кога срцето сосема му се зацрепило во љубовта кон Бога, ангел Божји му донесувал леб за исхрана. А освен тоа, по благата промисла Божја, крај неговата келија пораснала и една палма што донесувала добар плод на урми и се отворил извор на жива вода. „А најмногу, рекол Онуфриј, се хранам и се напојувам слатко со зборовите Божји“. На прашањето од Пафнутиј, како се причестува, пустиникот одговорил дека ангел Божји секоја са-

бота му ги донесувал Светите Дарови и го причестувал. Вториот ден старецот му рекол на Пафнутиј дека тоа е денот на неговото заминување од овој свет, ги преклонил колната, Му се помолил на Бога и Му го предал својот дух. Во тој момент Пафнутиј видел небесна светлина како го осветлила телото на упокоениот светец и чул пеење на ангелски сили. Погребувајќи го чесното Онуфриево тело, Пафнутиј се вратил во својот манастир и како жив сведок им го раскажувал на корист на другите прекрасното житие на Божјиот човек и величината на Божјата промисла за оние кои целосно ќе Му се предадат на Бога на служба. Онуфриј завршил во 400 година.

2. Преп. Петар Атонски. Родум Грк и војник по занимање. Војувајќи еднаш против Арапите, бил заробен, окован во вериги и фрлен во темница. Петар темнувал долго во градот Самари на реката Еуфрат и везден Го молел Бога да го ослободи од темницата и да го одведе во некоја пустина каде што целиот би се посветил на молитвениот подвиг. Во темницата му се јавил св. Симеон Богопримец со св. Никола, ги допрел со својот жезол оковите и тие се растопиле како восок, а Петар одеднаш се нашол во полето, надвор од градот. Веднаш тргнал на пат за Рим, каде што на гробот на апостол Петар бил потстрижен за монах од самиот папа. Потоа тргнал со лаѓа пак за Исток. На сон му се јавила Пресвета Богородица со св. Никола. Богородица му рекла на св. Никола дека на Петар му ја одредила Атонската Гора за подвизување. Петар дотогаш не ни чул за та горатa. Симнувајќи се во Света Гора, Петар се вселил во една пештера, во која поминал 53 години во тешки подвизи, во борба со гладот и жедта, со жегата и мразот, а најмногу со демонските сили, додека најпосле не совладал сè со Божја помош. Бидејќи ги издржал првите искушенија и добро ги положил првите тешки испити пред Бога, ангел Божји почнал да му донесува леб секои 40 дена. Неколку пати му се јавувал искушувачот–ѓаволот во вид на светол ангел, но Петар го изгонил со крсниот знак и со името на Пресвета Богородица. Една година пред смртта, го пронашол некој ловец, кој ловел елени

по Атон, па од устата на светителот го чул неговото житие. Умрел во 734 година. Моштите му се пренесени во Македонија.

3. Преп. Тимотеј египетски пустиник. Прво се подвизувал во Тиваида, а потоа се оддалечил во пустината каде што поминал 30 години. Угодувајќи му на Бога, мирно го завршил животот.

4. Преп. Васијан и Јона. Монаси на Соловецкиот манастир. Се удавиле и биле исфрлени на брегот во 1651 година. Над нивниот гроб се покажало некое знамение и поради тоа е изградена црква. Подоцна тука е построен манастирот „Петромински". Еднаш царот Петар Велики, спасувајќи се од бура, тука поминал три дена, направил крст и го поставил на брегот.

РАСУДУВАЊЕ

Тајната причест е голема и чудна. Дури ниту отшелниците и пустиниците за ништо друго толку не чезнееле, освен да им се даде можност да примат света причест. Света Марија Египетска го замолила Зосима да ѝ донесе света тајна на Јордан и да ја причести. Преп. Пафнутиј, враќајќи се откај св. Онуфриј во пустината, сретнал скромно обиталиште на четворица млади подвижници. Кога Пафнутиј ги прашал дали и како се причестуваат, тие одговориле дека секоја сабота и недела ги посетува ангел Божји и им дава света причест. Пафнутиј останал до првата наредна сабота и лично во тоа се уверил. Кога осамнала саботата, целото тоа обиталиште се исполнило со неискажан чуден мирис и кога сите тие биле на молитва, ангел Божји во вид на прекрасен младич, светол како молња, се појавил со пречистите тајни. Пафнутиј се исплашил и паднал на земјата од страв. Но тие го подигнале и го привеле кај ангелот, та и тој заедно со нив се причестил од рацете на ангелот. Од раце ангелски се причестувал и св. Онуфриј, според неговото сопствено кажување, како и многу други отшелници и пустиници. Сосема е погрешно да се мисли дека отшелниците и пустиниците не

се причестувале. Бог, Кој промислувал за нивната телесна храна, не ги оставил ни без животната храна од телото и крвта на Христа Господа.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното умножување на лебот во пустината (Мт. 14:15), и тоа:

1. како Господ нахранил пет илјади луѓе со пет благословени лебови;

2. како е Он тој животен леб, кој единствено може на чуден начин да ја нахрани мојата гладна душа што целиот останат свет заедно не може да ја нахрани.

БЕСЕДА
за дворецот и колибата

Куќите на беззакониците ќе се сотрат, а живеалиштата на праведниците ќе опстојат (Изреки, 14:11).

Дворецот на Ирод лежи во урнатини, а пештерата на Витлеемскиот Младенец постои. Круните на ќесарот се изгубени, а коските на мачениците се сочувани. Палатите на незнабожечките цареви се претвориле во купишта камења и прашина, а испосничките пештери прераснале во прекрасни храмови. Златните идоли се расфрлани насекаде, а веригите на апостолот Петар се чуваат како светиња. Силната римска држава сега е една приказна за мртовец, додека христијанската колиба, Светата Црква, денес е најмоќна држава во светот. Каде се Евреите, богоубијците? Растурени се по светот. Каде се силните Римјани? В гроб. Каде е силата на крвавиот Нерон? Каде е моќта на пакосниот Диоклецијан и подлиот Максимијан? Каде е успехот на богоотпадникот Ју-

лијан? Каде се високите кули? Таму каде што е и Вавилонската кула: под прашина и пепел, под срам и проклетство.

Поминете низ својот град и прашајте колку безбожнички домови се раскопани? Колку ли праведнички колиби израснале во прекрасни домови? На правдата, браќа, се засновани небото и Земјата, на Божјата непоколеблива правда. Затоа сите безбожнички творби се како надуен меур што се распрснува и стапалата на минувачите го прегазуваат. Вавилонските и фараонските дворови се како изгазени меури, а шаторот на праведникот Аврам е раззеленет и цвета во вечноста. О браќа мои, колку е сесилна и долготрајна правдата, а колку е слаба и минлива неправдата: како луња во летен ден!

О Праведен Господи, колку си величествен и доследен во одржувањето на правдата! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

13 ЈУНИ

1. Св. мч-чка Акилина. Родена е во палестинскиот град Вивлос, од чесни христијански родители. Во својата седма година малата Акилина веќе била потполно упатена во вистинскиот христијански живот, а во десеттата година таа толку била исполнета со божествен разум и со благодатта на Светиот Дух што со голема сила и ревност им Го проповедала Христа на своите другарки. Кога настанало гонењето од Диоклецијан, некој ја поткажал Акилина на царскиот наместник Волусијан, кој бил ѕвероподобен човек. Волусијан наредил прво да ја удираат, а потоа вжештена шипка да ѝ провнат низ ушите и мозокот. До последниот час девицата Акилина слободно и јавно Го исповедала Христа Господа, а кога мозокот и крвта почнале да ѝ истекуваат од главата, таа паднала како мртва. Намесникот, мислејќи дека Акилина е навистина мртва, наредил, та ја изнесле надвор од градот и ја фрлиле на ѓубриштето за кучињата да ѝ го изедат телото. Но во ноќта ѝ се јавил ангел Божји и ѝ рекол:

„Стани, биди здрава!" и девицата станала, и навистина оздравела, и долго Му вознесувала благодарствена песна на Бога, молејќи Го да не ѝ скрати да го доврши маченичкиот подвиг. „Оди, ќе ти биде како што молиш!" – се чул глас од небото. И Акилина отишла во градот. Градската капија сама се отворила пред неа и таа влегла, слично на дух, во дворот на намесникот и се јавила пред неговата постела. Намесникот бил обземен од неискажлив ужас, гледајќи ја жива девицата, за која мислел дека е мртва. Утредента, по негова наредба, џелатите ја извеле Акилина да ја исечат со меч. Пред извршувањето на наредбата, девицата на колена Му се помолила на Бога и го предала својот дух. Иако била мртва, џелатот ѝ ја пресекол главата. Нејзините мошти им давале исцеление на многумина болни. Света Акилина имала 12 години кога пострадала за Господа. А пострадала и се овенчала со маченички венец во 293 година.

2. Св. Трифилиј еп. на Леквусија Кипарска. Ученик на св. Спиридон и подоцна негов сослужител на островот Кипар. Бил милостив човек, чист во мислите, девствен целиот живот, „жив извор на солзи" и голем испосник. Добро управувал со стадото Христово и упокојувајќи се примил венец помеѓу големите ерарси на небесата. Мирно се упокоил во 370 година.

3. Св. Ана и син ѝ Јован. Како сираче била земана во куќата на некој големец и како посвоенче била одгледана и воспитана во таа куќа. Како добра девојка, големецот ја венчал со својот син. Кога стариот големец умрел, роднините го притиснале неговиот син да ја отпушти својата жена поради нејзиното ниско потекло и да се ожени со друга, која по род и богатство повеќе би му доликувала. Синот на големецот се плашел од Бога и не сакал тоа да го направи. Гледајќи го својот маж во препирка со неговите роднини, Ана го напуштила тајно и побегнала на некој далечен остров на кој немало жива душа. Но, на островот дошла бремена и наскоро родила син. На овој остров таа се подвизувала 30 години со пост и молитва. Тогаш, по промислата Божја, на тој остров дошол еден јеромонах, кој ѝ го крстил синот и му го

дал името Јован. Оваа света душа се подвизувала во V век и мирно го завршила животот.

РАСУДУВАЊЕ

Кроткоста и незлобноста ги краселе нашите светители, им давале сила и разум да не враќаат зло за злото. Кога царот Констанциј, синот на Константин, се разболел во Антиохија, тој го повикал св. Спиридон да му прочита молитва. Свети Спиридон, во придружба на својот ѓакон Трифилиј, тргнал од Кипар и дошол во Антиохија пред царскиот дворец. Спиридон бил облечен во сиромашно облекло. На главата имал проста плетена капа, во раката стап од палма, а на градите носел некој мал земјен сад, во којшто имало масло пред Чесниот Крст (како што тогаш било обичај кај христијаните во Ерусалим да се носи на себе). Така облечен, а притоа изморен од постот и од долгиот пат, светителот никако не го изразувал својот чин и своето достоинство. Па кога тој сакал да стапне во царевиот дворец, некој од царските слуги, мислејќи дека тој е обичен просјак, го удрил со шлаканица по едниот образ. Кроткиот и незлобен светител му го свртел и другиот образ. Кога со голем труд успеал да дојде до царот, се допрел со раката до главата на царот и царот оздравел.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното одење на Господа по водата како по суво (Мт. 14:25), и тоа:

1. како лаѓата со учениците била во неволја ноќта на морските бранови и како Господ провидел, та побрзал да им помогне;

2. како сум и јас честопати во неволја од мракот и брановите на страстите и како милостивиот Господ брза кон мене на помош, одејќи над страстите како по тврд пат.

БЕСЕДА
за патот на животот и патот на смртта

Има патишта, што на човека му изгледаат прави, но крајот нивни води до дното на пеколот (Изреки, 14:12).

Понекогаш на човекот му се причинува дека безбожничкиот пат е прав, бидејќи гледа дека безбожникот се збогатува и успева. О кога би му се дозволило да го види крајот на тој пат! Ќе се ужасне и никогаш нема да зачекори по тој пат.

Ако крајот на еден пат завршува со пропаст, зар тој пат е прав? Затоа, човеку, не вели ни за еден пат дека е прав, ако не му го гледаш крајот? Прашуваш: „Како јас, слаб и кратковид човек, можам до го согледам крајот на еден друг пат?“ На два начина: читајќи го ***Светото писмо*** преку искуството на православната црква и надгледувајќи го крајот на животниот пат на оние кои околу тебе, а пред тебе, умираат. Но оној првиот, е сигурен пат и, ако се придржуваш кон него, знај дека нема да се сопнеш во ноќта на вечната смрт.

Само оној пат е прав што е од Бога покажан како прав. А сите други патишта што на твојот ум ќе му се причинат како прави, а не се поклопуваат со Божјиот пат, се криви и смртоносни. Гледај, и ѕверовите имаат свои патишта, па зар ќе одиш по тие патишта, ако ти се причинат прави? Не оди, бидејќи на крајот ќе се најдеш во гладните ѕверски вилици. А патот укажан од Бога, ако ти се причинува и крив, е прав и оди по него. Заради нашите гревови нам понекогаш патот Божји ни се причинува крив. Кога не би имале грев и кога нашиот ум не би бил искривен со гревот, нам никогаш ни за момент нема да може да ни се причини дека било кој друг пат е прав надвор од Божјиот пат. На искривениот ум многу патишта му се чинат прави, а единствениот прав пат – крив.

О Господи, Кој сè гледаш, наш Патеводителу, исправи го нашиот ум за да не се задржува на кривите патишта.

Ти си, Исусе, единствен пат, вистина и живот, и она што ние го умееме без Тебе е распаќе, лага и смрт. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

14 ЈУНИ

1. Св. пророк Елисеј. Живеел 900 години пред Христовото раѓање. Кога Господ сакал да го земе кај Себе престарениот пророк Илија, му открил на овој дека за наследник во пророчката служба му го одредил Елисеја, син на Сафат, од племето Рувимово, од градот Авелмаул. Илија му ја кажал на Елисеј волјата Господова и го прекрил со својата наметка и испросил од Бога двојна пророчка благодат за него. Елисеј веднаш го оставил домот свој и родот свој и тргнал по Илија. А кога Господ го зел Илија на огнена кочија, Елисеј останал да ја продолжи пророчката служба со уште поголема сила од Илија. По чистотата и ревноста тој бил рамен со најголемите пророци, а по чудната сила што му била дадена од Бога, ги надминувал сите. Ја разделил водата во Јордан како некогаш Мојсеј во Црвеното Море; горчливата вода во Ерихон ја направил пивка; довел вода во ископаните ровови за време на војната со Моавците; го умножил маслото за јадење во тенџерињата на една бедна вдовица; на жена Самониќанка ѝ го воскреснал умрениот син; со 20 лепчиња нахранил 100 луѓе; го исцелил од грдотија војводата Неман; му предизвикал грдотија на својот слуга Гиезиј поради среброљубивост; ослепел еден дел од војската на Сирија, а друг дел, пак, го натерал во бегство; претскажал многу случувања како на народот, така и на поединци. Се претставил во длабока старост.

2. Св. Методиј патријарх Цариградски. Родум од градот Сиракуза во Сицилија. По завршувањето на световното школување, се замонашил и почнал да се подвизува в манастир. Патријархот Никифор го зел кај себе на служба. Во времето на иконоборечките цареви се прочул насекаде како решителен бранител на иконопочитувањето. Поради

тоа опакиот цар Теофил го затворил на еден остров, во темница, со двајца обични разбојници, каде што поминал полни седум години во влага, без светлина и без доволно храна, како во гроб. Во времето на благочестивата царица Теодора и син ѝ Михаил, бил ослободен и избран за патријарх (по претходното пророштво на св. Јоаникиј Велики). Во првата седмица од Великиот Пост, Методиј свечено ги внесол иконите в црква и напишал канон во чест на иконите. Не можејќи никако да го соборат, скверните еретици најмиле една жена, која што изјавила дека патријархот со неа имал нечисти телесни односи. Целиот Цариград се возбудил од таа клевета. Не знаејќи како поинаку да ја докаже својата невиност, патријархот поминал преку срамот и се соблекол гол пред судот, којшто сам го побарал, и го покажал своето суво и од пост испиено тело. Судот очигледно се уверил дека патријархот е наклеветен. Кога слушнал за ова, народот се израдувал, а еретиците се посрамиле. Тогаш и таа жена признала дека е наговорена и платена да ја изнесе таа клевета врз Божјиот светител. И така, оние коишто мислеле да му нанесат срам на Методиј и не сакајќи му ја зголемиле славата. Овој голем исповедник на верата мирно го завршил животот во 846 година и се преселил во Царството Божјо.

3. Св. Јован митр. Евхаитски. Наречен Маврон. Многу образуван, но во исто време и духовен маж. Дури во староста, при царот Алексеј Комнен, постанал митрополит Евхаитски. Прославен особено со тоа што му се јавиле св. Василиј Велики, св. Григориј Богослов и св. Јован Златоуст (види, 30 јануари) и му објасниле дека тие сите тројца подеднакво се прославени на небесата. По тоа видение се стивнала препирката во народот околу тоа кој од тие три светители е поголем, а кој помал. Уште св. Јован го составил и познатиот канон кон Преслаткиот Исус и канон кон ангелот чувар, а освен тоа, има составено и други корисни списи. Мирно се упокоил во 1100 година.

4. Преп. Нифонт. Роден е во областа Аргирокастра во селото Луково од татко свештеник. Уште од младост го влечела желбата кон самотија и молитва. Таа желба најпо-

сле го довела и во Света Гора, каде и се подвизувал прво во пештерата на св. Петар Атонски, а потоа во пустината на св. Ана. Не сакал ниту леб да јаде, туку се хранел со трева и корења. Некои завидливци го обвиниле како тој да се гнаси од лебот, од што тој лесно и брзо се оправдал. Најпосле се здружил со св. Максим на Капсокаливит. Поради својата искрена љубов кон Бога, Нифонт бил даруван од Бога со дар на чудотворство и прозирливост. Болни исцелувал со молитва и помазание со масло, а прозирал и во случувања што се случиле и што требало да се случат. За себе прорекол дека ќе умре во Петровиот пост. И кога осамнал денот на неговото упокојување, тој им рекол на братијата околу себе: „Не плачете, туку радувајте се, оти во мене ќе имате молитвеник пред Бога за вашето спасение“. Најпосле рекол: „Време е да одам!“ И ја предал својата света душа на Бога, на 14 јуни 1330 година.

РАСУДУВАЊЕ

„Нема да нè спаси местото, ако не ја исполнуваме волјата Божја“ – вели премудриот Златоуст. Се раскажува за некој монах како живеел во еден манастир каде го сакале пет собраќа, а еден го навредувал. Заради едниот, кој го навредувал, тој се преселил во друг манастир. Во другиот манастир, пак, осуммина го сакале, а двајца го навредувале. Тој побегнал во трет манастир. Но овде седуммина го сакале, а петмина го навредувале. Тој тргнал за во четврт манастир. По патот се размислил: „До кога јас ќе бегам од место во место? Во целиот свет нема да најдам спокој. Подобро да постанам трпелив“. Извадил хартија и напишал со големи букви: „Сè ќе истрпам заради Исуса Христа, Синот Божји“. Кога стапнал во четвртиот манастир и овде едни го сакале, а други го навредувале. Но тој почнал трпеливо да ги поднесува навредите. И штом некој би го навредил, тој ќе ја извадел онаа хартија и ќе читал: „Сè ќе истрпам заради Исуса Христа, Синот Божји“. И така, со трпение успеал сите да го засакаат. И останал на тоа место сè до смртта.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното одење на Господа по водата како по суво (Мт. 14:25), и тоа:

1. како Господ одејќи сам врз водата го вика Петра: „Дојди!“ Петар поаѓа, но заради малата вера почнал да пропаѓа;

2. како и мене Господ ме повикува да одам врз страсната влага и бура и како јас поаѓам, но тонам заради малата вера.

БЕСЕДА
за скромноста како претеча на славата

Пред славата оди скромноста
(Изреки, 15:33).

Овде станува збор за вистинската слава, а не за лажната; за неминлива слава а не за слава што умира. Славата што е од луѓето, таа умира, а славата што е од Бога, таа е неминлива слава. Кого луѓето ќе го прослават, не е прославен, а кого Бог ќе го прослави, тој е прославен. *Вие примате слава еден од друг, а славата што е од Единиот Бог не ја барате* (Јн. 5:44), им рекол Господ на еврејските книжници. Гледате ли како Господ ја разликува човечката од божествената слава? А за Себе, Он рекол: *Од луѓе слава не примам* (Јн. 5: 41).

Кој бара слава од луѓе, тој оди по патот на гордоста, а кој бара слава од Бога, тој оди по патот на скромноста. Никој без скромност не е прославен од Бога. Божјите светители биле најскромни слуги Божји. Со преголема скромност се одликувала и Пресвета Богородица. На својата преголема скромност таа го припишувала своето избирање за Мајка Божја: „Јако призре на смиреније раби своеја“. Но најскромен од најскромните и самиот подвигоположник е нашиот Господ Исус Христос. Во Неговиот земен живот скромноста

секогаш одела пред славата. И во нашиот живот, браќа мои, мора така да биде, ако сакаме вистинска слава. Бидејќи ако скромноста не оди пред славата, славата никогаш нема да дојде.

О Господи Исусе, примеру и учителу на скромноста, единствена наша славо и Прославувачу на сите скромни и кротки, вдахни нè со Твојата неискажлива скромност. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

15 ЈУНИ

1. Св. пророк Амос. Роден е во селото Текују, близу до Витлеем. Прост по потекло и по живот, Амос бил чувар на свињите на богаташите од Ерусалим. Но Бог, Кој не гледа кој е кој по надворешноста, туку по чистотата на срцето, Кој и Мојсеја и Давида ги зел откај овците и ги поставил за водачи на народот, го избрал и овој, Амоса, за Свој пророк. Тој го изобличувал царот Озија и неговите маѓесници за идолопоклонство и го одвратувал народот од поклонување на јунците од злато во Ветилја, учејќи го да Му се поклонува на Бога, Единиот и Живиот. Кога главниот маѓесник Амасија го гонел, тој прорекол дека Асирците ќе го покорат Израилот, дека ќе го исечат царот и синовите на Амасиј, и дека пред очите на Амасиј асирските војници ќе му ја осквернат жената со блуд затоа што и Амасиј го завел народот на блудствување со идолите. Сето ова потоа и се случило. Синот на маѓесникот го удрил пророкот со стап по челото толку силно што овој паднал. Одвај жив го донесле во неговото село Текују, каде што ја испуштил својата света душа. Живеел во VII век пред Христа.

2. Св. мч-ци Вит, Модест и Крискентија. Свети Вит е роден во Сицилија, од славни, но неверни родители. Модест му бил учител, а Крискетија негувателка. Свети Вит рано се крстил и веќе во 12. година тргнал на голем подвиг. Ангели му се јавувале, го раководеле и го крепеле во подвиг, а и самиот тој бил блескав и убав како ангел Божји. На

судијата, кој го тепал, му се исушила раката и тој со молитва му ја исцелил. Татко му ослепел видувајќи во неговата соба 12 свети ангели „на кои очите им биле како ѕвезди, а лицата како молњи". Но Вит со молитва му го повратил видот. Кога татко му сакал да го убие, му се јавил ангел и го одвел, заедно со Модест и Крискентија, во Луканија, на брегот на реката Силар. И тука св. Вит покажал многу чуда над болните и полудените. На повик од царот Диоклецијан, отишол во Рим. Таму го изгонил лошиот дух од царевиот син, заради што царот не го нагрдил туку, напротив, луто го намачил оти не сакал да им се поклони на глупавите идоли. Но од сите маки, Господ го избавил и со Својата невидлива рака го пренесол во Ликанија, каде што и тој и Модест и Крискентија Му се претставиле на Господа. Моштите на св. Вит се наоѓаат во Прага.

3. Преп. мч. Дула. Живеел свет живот во еден манастир во Египет. Еден негов собрат од завист го обвинил за светотатство, кражба на црковни работи. На невиниот Дула му го соблекле расото и му го предале на кнезот за осудување. Кнезот наредил, па го удирале и сакал рацете да му ги пресече, согласно законот за такви недела, но во тој момент обвинителот се покајал и ја објавил невиноста на Дула. Вратен во манастирот по 20 години гонење и понижување, тој на третиот ден се упокоил во Господа. Телото негово на чуден начин исчезнало.

4. Св. мч. Лазар српски кнез. Еден е од српските големци кои владееле со српското царство после царот Душан. По смртта на цар Урош, Лазар бил крунисан од патријархот Ефрем за српски цар. Испраќал пратеници во Цариград со монахот Исаија да моли да се симне анатемата од српскиот народ. Се борел против турската војска во неколку наврати. Најпосле, на Косово Поле, во 1389 година на 15 јуни, се судрил со турскиот цар Мурат, каде што бил обезглавен. Телото му било пренесено во неговата задужбина, во манастирот Раваница кај Ќуприја, а подоцна оттаму било пренесено во Раваница Сремска, од каде што за време на Втората светска војна (1942 год.) било пренесено во Белград

и положено во Соборниот храм, каде што и денес нетлено почива и им дава утеха и исцеление на сите оние кои со молитва му се обраќаат. Ги обновил манастирите „Хилендар" и „Горњак", ги подигнал „Раваница" и „Лазарица", бил ктитор и на руските манастир „Св. Пантелејмон" на Света Гора, како и на многу други цркви и манастири.

5. Св. Ефрем, српски патријарх. Како син на свештеник, од малечок тежнеел за духовен и подвижнички живот. Избегал во Света Гора кога родителите сакале да го оженат. Подоцна се вратил и се подвизувал во Ибарската клисура и во Дечани. Кога настанала многуначелноста и борба за првенство во државата, па, за жал, и во црквата, соборот го избрал Ефрема за патријарх на местото на упокоениот Сава, во 1375 година. Кога му бил соопштен изборот, тој горко заплакал, но не можел да откаже. Тој го крунисал кнезот Лазар за цар во 1382 година, се откажал од престолот и му го предал на Спиридон, а тој пак се повлекол во пустина; но по смртта на Спиридона, во 1388 година, цар Лазар го помолил, па овој повторно се нафатил на должноста. Управувал со Српската црква во тешкото време на косовската пропаст и подоцна до 1400 година, кога и завршил, во 88. година од својот земен живот, и се преселил кон Господа, Кого и Го љубел. Моштите му почиваат во манастирот во Пеќ.

6. Блажен Августин еп. Ипонски. Благодарејќи на советите, солзите и молитвите на мајка му Моника, бил обратен од незнабоштво во христијанството. Голем учител на Црквата и влијателен писател, со извесни неодобрени крајности во учењето, 35 години Го прославувал Господа како епископ Ипонски, и сè на сè, на земјата поживеал 75 години (354–430).

РАСУДУВАЊЕ

Не е лесно секогаш да го победиш во себе духот на суетата и фалењето. Во тоа успевале само големите духовници со голема Божја благодат, на прво место, со постојано

стражарење над својата душа и со многу добри духовни забележувања и разликувања. Авва Нистерој одел еднаш по патот со својот собрат. Одеднаш на патот забележале змија. Собратот брзо побегнал настрана, а по него побегнал и големиот Нистерој. „Зар и ти се плашиш, оче?“ – го прашал монахот Нистероја. Овој старец му одговорил: „Не, синко, не се плашам, но морав да побегнам, инаку не би побегнал од духот на суетноста“. Односно, да останев јас на местото, ти на мене би се восхитувал, а јас од тоа би се осуетил!

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцеление на многу болни (Мт. 14:36), и тоа:

1. како многу болни само се допреле до облеката Господова и оздравеле;

2. како може и мојата душа да оздрави, ако се допрам до телото и крвта Негови како до телесна облека на Неговото Божество.

БЕСЕДА
за сиромавиот и за неговиот Создател

Кој се подбива со сиромав, Создателот му го навредува (Изреки, 17:5).

Ако си богат, со што си богат, ако не со имотот Божји? Работите што го сочинуваат твоето богатство, чии се ако не Божји? Значи, ако се гордееш со она што го имаш, се гордееш со туѓ имот, се гордееш со Божјо позајмување. Зошто тогаш се подбиваш на сиромавиот, кој во рацете има помалку туѓ имот? Зошто му се подбиваш, ако тој земал назаем од Бога помалку од тебе? Ако земал помалку, помалку и е должен, а ти кој си зел повеќе, повеќе и си должен. Не само што не треба да се подбиваш на сиромавиот, туку треба да му се восхитуваш. Гледај, тој води борба на мегданот на

овој свет со многу помалку средства од тебе. Обајцата сте војници, само што ти војуваш како војник, изобилно снабден со сите потреби, а тој војува гол и гладен. Ако обајцата подлегнете и се предадете на непријателот, тој ќе биде полесно суден од тебе; ако ли, пак, обајцата победите, тој ќе прими поголема награда од тебе и неговата победа повеќе ќе се слави од твојата.

Кој се потсмева над голиот и гладниот војник, се потсмева на неговиот цар. Кој се потсмева на сиромавиот, го срами неговиот Создател. Ако знаеш дека Создателот на сиромавиот и твојот Создател е еден ист, ти нема да му се потсмеваш. Ако знаеш дека и сиромавиот стои во истиот борбен ред во кој си и ти, ти ќе го загрнеш и ќе го нахраниш и ќе го приближиш кон себе.

О Господи Седржителу, Твојата мудрост во економијата на создавањето е неизмерна. Осветли нè со Твојот Свет Дух да се восхитуваме на економијата и со страхопочит и љубов да гледаме на сите Твои созданија, гледајќи ги преку Тебе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

16 ЈУНИ

1. Св. Тихон еп. Аматунтски. Чудотворец. По смртта на блажениот Мемнониј, Тихон бил избран едногласно за епископ, а посветен од славниот Епифаниј, на епархијата Аматунтска. Чистотата на животот и ревноста кон христијанството го препорачале за овој чин. Во тоа време на островот Кипар уште имало незнабожци. И св. Тихон се нафатил со апостолска ревност да ги обраќа неверните во верни, и во тоа тој имал голем успех. После долгиот труд во лозјето Господово, се преселил во блажена вечност околу 425 година. Чудотворец е наречен поради многуте чуда што ги направил за времето додека бил жив. Татко му бил фурнаџија. Секогаш кога татко му ќе го оставел во дуќанот, тој ќе им го разделел лебот на сиромасите бесплатно. Еднаш та-

тко му го укорил поради тоа. А тој се помолил на Бога и нивниот амбар толку се наполнил со жито што со мака ја отвориле вратата. Другпат, пак, посадил една сува прачка од лозница и лозата раззеленила и во свое време донесла плод.

2. Св. мч-ци Тигриј и Евтропиј. Овие двајца биле од клирот на св. Јован Златоуст. Кога злобните луѓе го протерале Златоустиот од Цариград, соборната црква се запалила, а пламенот од неа се кренал и паднал врз куќите на гонителите на ова светило на Црквата. Народот во тоа видел прст Божји, додека непријателите на Златоуст тој пожар им го припишале на неговите приврзаници. Многу од овие луѓе настрадале поради тоа, меѓу нив и презвитерот Тигриј и чтецот Евтропиј. Градскиот началник, некој некрстен Грк Оптат, со особена злоба покренал потера на златоустовците. Тигриј во младоста му бил роб на некој богаташ, кој го кастрирал. Ослободувајќи се од ропството, тој целиот се предал на служба на Црквата и во таа служба светел како блескав зрак. Тој „кроткиот, смирениот, милостивиот и гостољубивиот“ човек Оптат го ставил на големи маки, па потоа го испратил в затвор во Месопотамија, каде што го завршил животот. Евтропиј, девственик уште од раѓањето, чист, непорочен и незлоблив, бил тепан со воловски жили и стапови и најпосле бил обесен. Кога христијаните го понесле неговото тело да го поогребат, во воздухот се слушнало слатко ангелско пеење.

РАСУДУВАЊЕ

Набројувајќи ги чудата на христијанската вера, ние никогаш не треба да ги заборававме безбројните и големи чуда на промена на срцата и карактерот на луѓето кои вистински се обратиле во верата. Колку разјарени злосторници спитомила оваа вера! Колку крвожедни разбојници преобратила во незлобни јагниња! Колку развратници обратила во чисти девственици! Колку гонители ги направила бранители! Колку себични среброљупци ги научила на милосрдие! Колку плашливци ги навела на патот на крајното самопо-

жртвување! Митрополитот Филарет пишува за рускиот кнез Владимир: „Сластољубец, колку што не можело повеќе, јазичникот Владимир во христијанството постанал пример на чист сопружнички живот; ги отпуштил откај себе сите жени и заложнички и живеел со благоверната Ана. Опакиот, одмаздливиот и крвожеден братоубиец во незнабоштвото, во христијанството бил најнежен пријател на бедните. На бедните секогаш им било дозволено да доаѓаат кај него и тој им раздавал и храна и пари со штедра рака. И повеќе од тоа: „Болните не се во состојба да дојдат до мојот дворец", говорел тој, и наредил по улиците да се разнесува месо, риба, леб, квасец и мед. Евангелските зборови *блажени се милостивите* проникнале во самата длабочина на неговото срце и му постанале закон во животот.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцелување на ќерката од жената Хананејка (Мт. 15:22), и тоа:

1. како жената Хананејка истрајно и повторено Го молела Господа да ѝ ја спаси ќерката од ѓаволот, кој ја мачел;

2. како Господ ја пофалил нејзината вера и ја исцелил ќерката;

3. како Господ може да ја ослободи и мојата душа од ѓаволот, кој ја напаѓа во оддалеченост од Бога, само ако истрајно и со вера Му се помолам.

БЕСЕДА
за тоа како смртта и животот му се потчинети на јазикот

Смртта и животот му се потчинети на јазикот (Изреки, 17:22).

Зар ова не го потврдил самиот Господ Исус кога рекол дека луѓето за секој празен збор ќе дадат одговор на Страшниот Суд? Зар Он, секако, не рекол: „Оти по зборовите свои ќе бидеш оправдан и по зборовите свои ќе бидеш суден (Мт. 12:36)? Кој ќе се оправда, ќе прими живот, кој ќе се осуди, ќе прими смрт. Гледате ли како животот и смртта се под власт на јазикот? А апостол Јаков вели: „Но оној, кој во зборови не греши, тој е совршен човек, силен да го обузди и целото тело" (Јак. 3:2). Навистина е голема и неиспитана тајната на зборовите и впечатокот од зборовите не може да се измери ниту да се пресмета. Денес зборот човечки може со вешти направи да се пренесе од едниот крај на другиот на нашата планета. Зборот изговорен со јазик во Америка, може да се слушне со уво во Европа. Зар тоа не е слика на Божјото сеслушање? О браќа мои, ние не можеме ништо да ѝ шепнеме на земјата што нема да го слушне небото. Секој наш збор излегува пред соборот на ангелите Божји. Секој наш злобен збор го прима адот и го чува како заложба на нашата вечна смрт, а секој благ збор го прима Рајот и го чува како заложба на нашиот вечен живот. Навистина премудро говори и благовремено не опоменува старозаветниот мудрец со зборовите: „Смртта и животот се потчинети на јазикот!"

О Господи, Спасителу наш, вечно Слово Божјо, помогни ни да го зауздиме нашиот јазик да не зборува за наша погибел. Помогни ни да говориме со јазикот само она што е според Твојата света волја а за наше вечно спасение во бесмртниот живот. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

17 ЈУНИ

1. Св. мч-ци Мануил, Савел и Исмаил. Браќа, Персијци, од татко незнабожец и мајка христијанка. Воспитани во духот на христијанството и крстени. И како христијани биле високи службеници кај царот Аламундар. Биле испратени кај царот Јулијан Отстапник да водат преговори и да утврдат мир помеѓу Персиското и Грчко–римското царство. Царот отстапник на идолите во Халкидон им приредил некаква сквернавена прослава. На таа прослава царот со своите големци им принесувал жртви на идолите. Персиските пратеници отсуствувале од таа прослава. Царот ги повикал и им наредил и тие да земат учество во прославата и да им принесат жртви на боговите. Тогаш тие изјавиле дека се странски поданици, дека се дојдени како пратеници на персискиот цар заради воспоставување мир помеѓу двете царства, а не поради нешто друго; дека се христијани и дека го сметаат за недостојно тоа да им се поклонуваат на мртвите идоли и да им принесуваат жртви. Царот се разлутил и ги фрлил во темница. Утредента повторно ги извел и почнал со нив да се препира за верата, но светите браќа биле неодоливи и непоколебливи. Тогаш голи ги заврзале за едно дрво, ги удирале и ги стружеле со железни четки. За сето време на мачењето тие се молеле на Бога со благодарност за маките: „О сладок Исусе, овие маки ни се слатки поради љубовта Твоја!“ Ангел Божји им се јавил, ги утешил и им ја одзел секоја болка. Спротивно на сите меѓународни односи, опакиот цар Јулијан најпосле изрекол пресуда, овие тројца браќа со меч да се пресечат. Кога им ги пресекле главите, настанал голем земјотрес, земјата се расцепила и ги примила телата на светите маченици во себе за незнабожците да не ги изгорат по наредба на царот. Телата на мачениците потоа земјата ги исфрлила христијаните да ги најдат и чесно да ги погребат. Над нивните мошти се случиле многу чуда, кои кога ги виделе многу незнабожци се обратиле во верата христијанска. Разбирајќи како Јулијан нечовечки ги предал на смрт неговите делегати, персискиот цар ја подготвил војската

против него. Јулијан, пак, тргнал во освојување на Персиското царство уверен во својата победа. Но бил победен до последниот човек и самиот загинал со срам, на радост и смеа на целиот свет.

2. Преп. Пиор. Нитриски отшелник. Загреан со љубов кон Бога, Пиор рано се одрекол од светот и се оддалечил во египетската пустина, каде што мажествено се подвизувал. За него велат дека никогаш не седнувал на трпеза да јаде, туку секогаш јадел стоејќи и работејќи. Кога го прашале зошто прави така, св. Пиор одговорил: „Не сакам да се занимавам со јадењето како со работа туку како со нешто споредно“. Кога го повикале во советот за да се суди некој брат, кој нешто згрешил, тој дошол носејќи на грбот една вреќа песок, а на градите едно мало ќесе со песок. Запрашан, што му значи тоа, светителот одговорил: „Вреќата со песок на грбот тоа се моите гревови, кои што јас не ги гледам, а ќесето со песок тоа се гревовите на мојот брат, што треба јас да ги судам“. Тогаш сите браќа се посрамиле и извикале: „Тоа е патот на спасението!“ Живеел 100 години и се упокоил во Господа во VI век.

РАСУДУВАЊЕ

Христовите противници секогаш постигнувале обратен резултат во своите напори против Христа. Наместо да ја застанат реката на христијанството, тие ја раширувале, продлабочувале и ја правеле побујна. Наместо да ја исушат, тие предизвикувале, така да се рече, потоп од неа по целиот свет. Каде што паднал еден маченик, таму се создавала чета од христијани; каде што бил нанесен срам, никнувала слава; каде што се рекло: тука е крајот на христијанството, овде бил почетокот на побујна сеидба. И покрај сите обзири и меѓународни обичаи, Јулијан Отстапник ги убил персиските пратеници за мир: Мануил, Савел и Исмаил заради својот налудничав фанатизам. Што постигнал со тоа Јулијан? Го умножил бројот на христијаните, го зголемил бројот на светите маченици и го забрзал својот крај и крајот на пагани-

змот. Посредно и не сакајќи, Отстапник помогнал во раширувањето и продлабочувањето на христијанството. И тоа не само со своето опако гонење, туку и со несебичните изјави. Во расправијата со христијаните тој изјавил: „Христос не направил ништо во својот живот што би заслужувало слава, освен ако тоа не се смета за големо дело што ги лекувал хромите и слепите и што изгонувал демони!“ О каков бедник. Како отворањето на очите на еден единствен слепец со силниот збор не е поголемо дело од покорување на десет царства! Но драгоцено е тоа што тој како најголем предавник на Христа по Јуда ги признал чудата Христови.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното преобразување на Господа Исуса (Мт. 17:1), и тоа:

1. како на преобразениот Господ Му засвети лицето како Сонце;

2. како и јас, помрачен со гревот, можам со силата и благодатта Христова да засветам со првобитната светлина на безгрешниот човек.

БЕСЕДА
за погибел на оние кои лажно сведочат

Лажниот сведок нема да остане неказнет, а кој говори лага, ќе загине (Изреки, 19:9).

Тоа што се случува во светот го гледа Бог и сите небесни војски. Како, значи, човек може да ја скрие вистината при толку сведоци на вистината? И не само што небесните војски ја гледаат вистината, туку и ревнуваат за вистината. Како може еден смртен човек да оди против вистината, што значи дека оди против безбројните небесни ревнители за вистината? Навистина е помрачен во умот оној кој мисли дека

може да ја скрие вистината и да ја објави лагата наместо вистината. Кога милиони видовити ангели ја знаат вистината, може ли еден човек да ја скрие вистината? Може ли некој да стане против вистината и да остане неказнет? О браќа мои, ништо нема полажно од лагата! Ништо понеуспешно! Ништо подрско! Ништо понеразумно!

Она што се случува внатре во човекот, тоа Бог го гледа и сите небесни војски. Тоа посебно го гледа човековиот ангел пазител. И овој ангел пазител не поднесува човекот да го изнесува од себе и за себе она што не е во него. Ако човекот остане упорен во лагата, неговиот ангел ќе го напушти и потполно ќе го предаде на духовите на лагата. Тогаш тешко на тој човек! Што му вреди лажно да сведочи против целиот свет кога неговиот ангел навистина сведочи против него пред Бога и небесната војска! Подобро е за тој човек да не се родел. Бидејќи кој лаже, го лаже Духот Божји и Духот Божји го остава лажливецот во темнина и во смрт.

О Господи вистинит, поддржи нѐ со силата на Твојот Свет Дух, никогаш да не сведочиме лажно. Заслади ни ја Твојата света вистина и одврати ги лажните зборови од нашиот јазик. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

18 ЈУНИ

1. Св. мч. Леонтиј. Бил римски војвода во феникискиот град Триполис, во времето на царот Веспазијан. Родум од Грција, „со голем раст, снажен, јак и храбар во битките". Царскиот намесник Адријан испратил еден одред војска да го фатат Леонтиј затоа што Адријан бил жесток противник и гонител на христијаните. Старешината на тој одред, Ипатиј, по патот се разболел од треска, поради што одредот морал да го забави своето движење. Една ноќ ангел Божји му се јавил на Ипатиј и му рекол: „Ако сакаш да бидеш здрав, извикај трипати кон небесата со сите твои војници: *Боже Леонтиев, помогни ми!*" Своето видение Ипатиј

им го соопштил на своите другари и сите едногласно извикале како што советувал ангелот и Ипатиј одеднаш оздравел. Ова чудо ги восхитило сите, а особено некој си Теодул. Тогаш Ипатиј и Теодул тргнале напред, пред останатите војници, да го најдат војводата Леонтиј. Леонтиј убаво ги примил и ги нагостил. А кога им ја изложил својата вера кон Христа, нивните срца се разгореле со љубов кон Христа и во тој час светол облак се спуштил на Ипатиј и Теодул и од облакот паднала роса на нив. Дух Божји ги крстил овие обратени души, а св. Леонтиј во тој час ги изговорил зборовите: „Во името на Пресветата Троица, Отецот и Синот и Светиот Дух“. Опакиот Адријан дознавајќи дека Ипатиј и Теодул станале христијани, наредил без никаков обѕир да ги тепаат, а потоа со секира главите да им ги отсечат. Така завршиле овие две духовни чеда на Леонтиј. Тогаш Адријан наложил лути измачувања на Леонтиј, но Леонтиј останал непоколеблив во својата света вера. Целото тело со рани му го покриле, но тој срдечно се молел на Бога да не го остави. На сред најтешките маки му се јавил ангел Господов и го охрабрил и го утешил. Најпосле го легнале маченикот на земја и го тепале сè дотогаш додека не го предал својот дух на Бога. Страдањето на св. Леонтиј со свои очи го гледал некој си кир Нотариј, кој сето тоа и го запишал на оловни плочи и плочите ги положил во гробот на маченикот. Свети Леонтиј чесно пострадал во 73 година по Христа.

2. Преп. Леонтиј прозорлив. По потекло е Грк од Пелопонез. Се подвизувал во ман. „Дионисијат“ 60 години и се претставил во 1605 година со 85 години од раѓањето. За овој светител се зборува дека само еднаш влегол во манастирот и само еднаш излегол од таму за полни 60 години. Имено: влегол тогаш кога првпат стапил во манастирот „Дионисијат“, а излегол тогаш кога мртов го изнеле да го погребат. Имал чуден дар на видовитост и пророкување, а по смртта од неговите мошти потекло миро.

РАСУДУВАЊЕ

Со колкаво внимание еден научник ги испитува појавите во природата, со уште поголемо внимание ние треба да ги испитуваме појавите и дејствата на Божјата благодат. Еве што сведочи еден од духовните великани за дејството на причесната. Отец Јован Кронштатски пишува: „Се восхитувам на величината и животворноста на божественото причестие: старица плука крв и веќе сосема изнемоштена, не можејќи ништо да јаде, оној ден кога од мене прими причест почна да се поправа. Девојка на смрт, по причестувањето, почнала да се поправа, да јаде, да пие и да разговара, додека пред тоа таа била без свест, во треска и ништо не јадела ни пиела“. О кога секој свештеник со внимание на научник и со љубов на молитвеник би ги гледал и следел благодатните дејства на светата причест, слично на о. Јован!

СОЗРЕЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцелување на момчето кое ѓаволот мачејќи го, го фрлал час во оган, час во вода (Мт. 17:14), и тоа:

1. како Господ му се заканил на ѓаволот и момчето оздравело;

2. како и мене лошиот дух ме фрла час во огнот на страстите, час во водата на телесноста;

3. како и мене Господ може да ме спаси од паѓање во оган и во вода, само ако Му се помолам.

БЕСЕДА
за задолжувањето на Бога

Кој прави добро на сиромав, заем Му дава на Господа и Он ќе му плати за неговата добрина (Изреки, 19:17).

И сиромавиот кој проси и богатиот кој дава – обајцата Го задолжуваат Господа, но само под услов сиромавиот да проси во името Господово, а богатиот да дава во името Господово и со милосрдие. Секој кој прима треба да знае дека прима Божјо и секој кој дава треба да знае дека дава Божјо. Таквото давање има цена и таквото примање има цена. Сите ние голи влегуваме во овој свет и голи излегуваме од него. Сите ние сме просјаци пред Господа, бидејќи ништо немаме што не сме го примиле од Господа. Затоа подарувај му на сиромавиот брат како што и на тебе Бог ти подарил. Туѓо земаш и на свој даваш кога правиш милостина. Сиромавиот човек ти е поблизок од сиот твој имот, како што му е и на Бога, Создателот на луѓето секој човек подрагоцен неспоредливо од сиот свој имот. Ако ти е дадено богатство, тоа ти е дадено на искушение за да го искуша твоето срце. Бог да види и сите војски небесни дали ти си разбрал од кого ти е богатството и зошто ти е дадено. Блазе на тебе, ако знаеш дека твојот имот е од Бога и е Божји! Блазе на тебе, ако ги сметаш сиромашните за твои задругари, за чеда свои и со нив го делиш она што на тебе ти го доверил Бог!

О колку е неизмерно Божјото човекољубие! Гледај, сè што имаш Му припаѓа на Бога, па сепак Бог се смета Себеси за твој должник, ако ти земаш од неговото и им даваш на сиромасите и ќе ти плати за твоето добро. Каква милост со оваа да се споредува!

О човекољубив Господи, отвори го нашиот ум за да ја разбереме тајната на Твојата милост и омекни го нашето срце како восок да гори, како восок и да свети со сјајот на

Твојата неизречена милост. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

19 ЈУНИ

1. Св. ап. Јуда. Еден е од дванаесетмината. Син на Јосифа и Саломија (не Саломија Витлеемска, ами друга), а брат на Јакова, братот Господов. Со Салома, ќерката на Англеј, синот на Варахин Захариин, Јосиф дрводелецот имал четири сина: Јаков, Јосиј, Симон и Јуда. Овој Јуда понекогаш се нарекува Јуда Јаковов, по попознатиот од себе брат Јаков. Своето послание св. Јуда го почнува вака: „Од Јуда, слугата на Исуса Христа, а брат на Јакова". Иако и он можел да се нарече брат Господов, тој тоа не го правел од смирение и срам, оти во почетокот тој не Му верувал на Христа Господа; и кога старецот Јосиф пред смртта сакал и на Исуса да му даде дел од имотот како и на останатите свои деца, на тоа сите се спротивиле, па и Јуда, само Јаков доброволно одделил дел од својот дел и го наменил за Исуса. Јуда уште се нарекува Левиј и Тадеј. Има уште еден Тадеј, од 70–те апостоли (21 август), но овој Тадеј, или Јуда, бил еден од големите апостоли. Го проповедал ***Евангелието*** по Јудеја, Самарија, Галилеја, Идумеја, Сирија, Арабија, Месопотамија и Ерменија. Во Едеса, во градот на Авгар, ја дополнил проповедта на оној другиот Тадеј. Кога проповедал во пределите околу Арарат, бил фатен од незнабожците, распнат на крст и со стрели убиен за вечно да царува во царството Христово.

2. Преп. Пајсиј Велики. Египќанец е по раѓање и по јазик. По едно видение во сон, мајка му го ветила на Бога на служба. Како момче дошол кај преп. Памво и овој го примил за ученик и соученик на преп. Јован Колов, кој и го опишал житието на Пајсиј. На радост на својот духовен отец, Пајсиј вложувал труд врз труд и подвиг врз подвиг. Повеќепати му се јавувал пророкот Еремија, кого тој особено го сакал и почесто го читал; почесто му се јавувале ан-

гели Божји, а и Самиот Господ Христос. „Мир на тебе возљубен угоднику мој!“ – му рекол Господ Христос. По големата благодат од Бога, Пајсиј имал особен дар на воздржување од јадење. Често не вкусувал леб по 15 дена, уште почесто по една седмица, а еднаш, по сведоштвото на св. Јован Колов, 70 дена проживеал не вкусувајќи ништо. Имал голема борба со духовите на злобата, кои му се јавувале понекогаш онакви какви и што се, а понекогаш и во вид на светли ангели. Но, благодатниот слуга Божји не се давал никогаш да се измами и прелаже. Бил прозирливец и чудотворец познат по целиот Египет. Се преселил во вечноста во 400 година. Преп. Исидор Пелусиот ги пренесол неговите мошти во својот манастир и чесно ги погребал.

3. Св. мч. Зосим. Бил римски војник во времето на царот Трајан. Храбро ја исповедал својата вера во Христа Господа, поради што претрпел тешки маки. Насред маките слушнал глас од небото: „Биди мажествен, Зосиме, и крсти се, Јас сум со тебе!“ Ангели Божји му се јавувале во самицата. После многуте мачења, со секира бил обезглавен во 116 година.

4. Преп. Јован Отшелник. Се подвизувал во VI век близу до Ерусалим. Со подвигот достигнал висок степен на чистота и сила така што ѕверовите му се покорувале. Во длабока старост се упокоил во Господа во 586 година.

РАСУДУВАЊЕ

Младите монаси го запрашале еднаш Пајсиј Велики: „Кажи ни, оче, збор за спасението и како треба да живееме по Бога?“ А старецот им одговорил: „Одете и исполнувајте ги заповедите Божји и чувајте го преданието на отците“. Преданието на отците е искуство на светителите во духовната област, огромно искуство од близу две илјади години, искуство на многу стотини и илјади свети мажи и жени. Колку пребогато стовариште на мудрост! Каков непрегледен куп од докази за секоја вистина на ***Светото писмо***! И

сето тоа богатство, сета таа мудрост, сите тие докази, сето тоа искуство протестантите го отфрлиле! О неискажано безумие! О просјачка сиромаштија!

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцелување на двајцата слепци (Мт. 20:30), и тоа:

1. како двајцата слепци викале кон Господа: „Помилуј нè, Господи, Сине Давидов";

2. како Милостивиот Господ се допрел до нивните очи и тие прогледале;

3. како сум и јас заслепен од гревот и како и јас можам да прогледам, ако повикам кон Господа за да се допре до мене.

БЕСЕДА

за одмаздата и Одмазникот

Не вели: Ќе му се одмаздам
на непријателот**, **туку остави на
Господа, Он ќе ти помогне (Изреки, 20:22).

Не одмаздувај се, не враќај зло за зло. Доволно е злото од твојот сосед, ако му вратиш зло за зло, ќе го удвоиш злото во светот, ако не му вратиш, тој може со покајание да го изгори своето зло, и така ти со трпение и со опростување ќе го намалиш злото во светот.

Не одмаздувај се, не враќај зло за зло, чекај Го Господа, Он гледа и памети и во свое време ќе дознаеш и ти и твојот злосторник дека Господ гледа и памети. Се прашуваш: „Што направив со тоа што не вратив зло за зло?" Ти си го направил најмудрото дело што си можел да го направиш во дадениот случај, имено: си ја отстапил својата борба на Посилниот од тебе и Посилниот победоносно ќе се бори за

тебе. Ако стапиш во борба со злосторникот, можеш да бидеш победен. Бог не може да биде победен. Отстапи ја, значи, својата борба на Победоносниот и Непобедливиот, па трпеливо чекај.

Поучи се од малото дете: кога малото дете е нападнато од некого во присуство на својот родител, тоа не возвраќа со напад, туку гледа во родителот и плаче. Тоа знае дека родителот ќе го заштити. Како ти да не го знаеш тоа што го знае малото дете? Твојот небесен Родител е непрестајно со тебе. Затоа не одмаздувај се, не враќај зло за зло, туку гледај во Родителот и плачи. Само така ќе си осигуриш победа во борбата со злобните луѓе.

О Господи, Сесилен, Кој си рекол: „Одмаздата е Моја“, заштити нè со Твојата семоќна рака од неправедниците и воздржи нè од одмазда. Посоветувај нè со Твојот Свет Дух дека е поголемо јунаштво да трпиме отколку да се одмаздуваме. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

20 ЈУНИ

1. Свешт-мч. Методиј еп. Патарски. Од младини се посветил на подвиг и како град на планина бил виден и повикан на епископство во градот Патара Ликиска. Учен архијереј и со добар говор, Методиј пишувал против Оригеновата ерес. Неговите „боговдахновени зборови како молња заблескале по целиот свет“. Незнабожците се кренале против него, го мачеле и го обезглавиле во Халкида Сириска во 11 година.

2. Св. мч-ци Аристокл, Димитријан и Атанасиј. Аристокл бил свештеник на соборната црква во градот Тамас на Кипар и поминувал богоугоден живот. Поради неговата голема ревност во верата, се удостоил со глас од небото да оди во Саламина Кипарска и да прими венец на маченииштво. Нему му се придружиле ѓаконот Димитријан и чтецот Атанасиј. Стигнувајќи во Саламина, овие Божји луѓе почнале да Го проповедаат Христа. Незнабожците ги фати-

ле и после измачувањето, Аристокл со меч го обезглавиле, а Димитријан и Атанасиј во оган ги изгореле во 306 година.

3. Преп. Наум Охридски. Главното празнување му е на 23 декември, а на 20 јуни му е летен празник (види житие на 23 декември). На овој летен празник има голем народен собор во манастирот на св. Наум. Многу болни доаѓаат или се донесувани за тука над моштите на светителот преку вера и молитва да добијат исцеление. Не само православни, туку и луѓе од друга вера доаѓаат да побараат помош од св. Наум. Во 1926 година еден муслиман од Ресен донесол и му приложил на манастирот ѕвоно од благодарност затоа што светителот му го исцелил братот и од претсмртната постела повторно го вратил во живот. Дарителот се викал Џемаил Зизо, а неговиот исцелен брат Сулејман Зизо. Двајцата биле угледни граѓани во Ресен.

4. Св. Калист I, патријарх Цариградски. Како ученик на св. Григориј Синаит се подвизувал на Атон, во скитот Магула кај филотејскиот манастир полни 28 години. Подоцна тој тука го изградил манастирот на св. Мамант. Бил избран за патријарх Цариградски во 1350 година. После четири години, се оддалечил од патријаршискиот престол повторно во Света Гора. Но во времето на царот Јован Палеолог повторно бил вратен на престолот и како патријарх останал до смртта. Се упокоил во 1368 година на патот за Серез, одејќи кај српската царица Елена да бара помош против Турците. Заедно со Игнатиј составил прекрасно раководство за подвижниците. Освен тоа, ги напишал житијата на св. Григориј Синаит и св. Теодосиј Трновски, како и многубројни беседи. Интересно е да се спомне како св. Максим Капсокаливит му ја прорекол смртта на патријархот Калист. На патот за Србија, Калист наминал во Света Гора. Кога го видел св. Максим, рекол: „Овој старец повеќе нема да го види своето паства зашто зад него се слуша надгробно пеење: *блажени се непорочните на својот пат*".

5. Св. Левкиј еп. Врунтисиополски, во Италија. Роден е во Александрија и рано стапил во манастир. Се удостоил со големи откровенија и моќ на благодат, така што и

мртви воскреснувал и демони од луѓето изгонувал. Прво бил епископ во Александрија, па по заповед од небото преминал во Италија во незнабожечкиот град Врунтисиопол, кој целиот го покрстил и изградил храм на Богомајката. По големиот и успешен труд се преселил во вечноста во времето на царот Теодосиј во V век.

6. Блажен Студиј. Бележит дворјанин и конзул во Цариград. Близу до Златните Порти основал црква посветена на св. Јован Претеча и манастир, по него наречен *Студиски*. Овој манастир станал познат по многуте славни мажи, духовници, подвижници и за верата страдалници, од кои најпознат е св. Теодор Студит. Латинските крстоносци ја разориле оваа обител во 1204 година, но била обновена од царот Константин Палеолог Порфиророден во 1293 година. На тоа место сега се наоѓа турска џамија.

РАСУДУВАЊЕ

Свети Кипријан за бесмртноста пишува: „Кога некој познат човек ќе ти вети нешто, ти би поверувал на неговото ветување и не би ни помислил дека ќе те измами оној кој е постојано верен на својот збор. Но, гледај вероломнику, тебе ти зборува самиот Бог и ти со сомневање се колебаш! Бог ти ветил бесмртност по излегувањето од овој свет, а ти дрско се сомневаш во тоа ветување? Тоа значи: дека сосема не Го познаваш Бога, дека со неверувањето Го навредуваш Христа Господа и Учителот“. О колку е силна верата на Божјите светители! И колку е јасна и разбирлива, и е добро образложена со прости, но силни примери! Оние кои не се свети, не се сомневаат не затоа што се поразумни, туку затоа што не се свети. Светиот човек е секогаш поразумен, бидејќи во чистото огледало на своето срце ја гледа вистината.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исушување на неплодната смоква (Мт. 21:19), и тоа:

1. како Господ ја проколнал смокват со многу лисја а без плод и смоквата се исушила;

2. како е и мојот живот со многу листови – на телесни грижи, желби и мисли – а без духовен плод, та може да дојде до истото проклетство, ако не се поправам.

БЕСЕДА
за тоа како нашето спасение е во Божји раце

Коњот го подготвуваат за денот на битката, но победата е од Господа (Изреки, 21:31).

Ние сме должни да се подготвуваме, но од Бога зависи нашиот успех. Сета наша подготовка е само како предлог на Бога, но подготовката не решава туку Бог. Затоа народот, според своето искуство, мудро вели: „Човекот предлага, а Бог располага“.

Христов војнику, опремувај го својот ум како добриот коњ; наоружувај го своето срце со добродетели, челичи ја својата волја со подвизи, но знај дека – спасението е од Господа.

Христов трговецу, вежбај се секој ден во добрата трговија, менувај го матерјалното со духовното, и земното со небесното, и смртното со бесмртното, но знај дека – спасението е од Господа.

Христов орачу, орај ја и преорувај ја својата душа, сеј добро евангелско семе во неа секој ден, плеви ја нивата на својата душа од коровот, стражари над неа, но знај дека – спасението е од Господа.

Коњот не му помогнал на фараонот во Црвеното Море. Ниту богатството на Вавилон му помогнало во денот на

отплатата од Бога. Некој може сè да подготви, но сепак во судниот ден сè да изгуби, бидејќи спасението не е во подготовката, туку во Господа. Затоа светителите, иако најподготвени за Царството Божјо, и на смртниот час воздивнувале не знаејќи дали ќе бидат примени во Царството. О колку добро ги паметеле тие зборовите Господови: *Кога ќе исполните сè што ви е заповедано, речете: ние сме залудни слуги...* (Лк. 17:10).

Да бидеме подготвени, браќа, за денот на искушението, добро затегнати, опашани и наоружани, но да не се надеваме во својата подготовка, туку во Господа.

О Господи Спасителу наш, помилуј нè и спаси нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

21 ЈУНИ

1. Св. мч. Јулијан Тарсин. Од благородно, сенаторско потекло; живеел во Тарс Киликијски, настрадал во времето на Диоклецијан. Иако имал само 18 години кога бил подложен на измачување за верата, св. Јулијан бил веќе доволно воспитан и утврден во христијанското благочестие. Цела година го водел царскиот наместник со себе од град во град, сè мачејќи го и сè наговарајќи го да се одрече од Христа. Мајка му на Јулијан од далеку го следела својот син. Кога наместникот ја фатил, ја испратил да го посоветува својот син да се одрече од Христа. Таа три дена му зборувала во самицата на својот син спротивни совети, учејќи го и храбрејќи го да не падне со духот, ами со благодарност на Бога и со смелост да оди во смртта. Тогаш мачителите го зашиле Јулијан во вреќа со песок и со скорпии и змии, па го фрлиле во морето, а и мајка му умрела од мака. Неговите мошти ги исфрлиле брановите на брегот и верниците ги пренесле во Александрија и чесно ги погребале во 290 година. Подоцна тие мошти биле пренесени во Антиохија. Самиот св. Јован Златоуст подоцна држел пофална беседа за св. мч. Јулијан. „Од устата на маченикот, рекол Златоустиот, исходеше свет

глас и заедно со гласот се излеваше светлост појасна од сончевите зраци". И уште: „Земи кого било, полуден и бесен, и приведи го на овој свет гроб, каде што се моштите на маченикот, и ќе видиш како тој (демонот) во истиот миг ќе изрипа и ќе побегне како од оган изгорен". Од овие зборови е јасно како многубројни чуда се случувале на гробот на св. Јулијан.

2. Преп. Јулиј и Јулијан. Браќа од грчката област Мирмидонија. Од малечки воспитувани во христијанството, со завет дека секогаш ќе живеат во девство и ќе ѝ служат на Црквата. Јулиј бил презвитер а Јулијан ѓакон. Од царот Теодосиј Помладиот издејствувале грамата да можат по целото царство да ги уриваат идолите и да ѕидаат христијански цркви. Како двајца апостоли, овие двајца браќа ги обраќале нехристијаните во христијани по Истокот и Западот и ѕидале цркви. Изѕидале 100 цркви за време на својот живот. Се упокоиле мирно во Господа близу до Медиолан. Жителите на Медиолан го повикуваат св. Јулијан на помош против волците.

3. Св. мч. Арчил II, грузиски цар. Му бил син на царот Стефан, а внук на великиот грузиски цар, Вахтанг. Голем христијанин и заштитник на христијанството, царот Арчил бил измачуван од муслиманите и обезглавен за Христа на 20 март 744 година. А тој имал 80 години кога пострадал за Господа и се преселил во блажената вечност.

4. Св. мч. Луарсаб II карталински кнез во Грузија. И татко му, Георгиј X, настрадал поради верата и бил отруен од персискиот шах. Луарсаб, пак, бил фрлен во некоја самица, близу до Ширас, во која самувал 7 години. Тогаш, по наредба на шахот Абас бил обесен во самицата со двајцата слуги, на 21 јуни 1622 година. На неговиот гроб е видена небесна светлина.

РАСУДУВАЊЕ

Кога човекот ќе почне да се вежба во молчење, молчењето му изгледа пониско од говорот, но кога ќе се изве-

жба во молчењето, тогаш знае дека говорот е понизок од молчењето. Еден монах му рекол на св. Сисоја: „Јас би сакал да го сочувам моето срце, но не можам“, на што старецот му одговорил: „Како ние можеме да го сочуваме срцето кога портата на нашето срце – јазикот – е отворена?“ Еднаш го прашале Харилеуса, внукот на Ликург, зошто неговиот стрико издал толку малку закони. Тој одговорил: „Бидејќи на оние кои малку зборуваат не им требаат многу закони“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцелување на слепиот Вартимеј (Мк. 10:46), и тоа:

1. како Вартимеј со вера повикува кон Господа за исцелување и како Господ го исцелува;

2. како и јас седам слеп со душата покрај патот по кој Господ поминува, и ако повикам кон Него, ќе ме исцели.

БЕСЕДА
за сеидбата и жетвата

Кој сее неправда, ќе пожнее зло (Изреки, 22:8).

Ако правиш неправда, злото може и да те одмине во оној ден кога ја правиш неправдата, но злото го слушнало гласот на неправдата и неодминливо ќе дојде во својот ден.

Некое сеење е слатко и некоја жетва е горчлива. Некое сеење личи на живот, но плодот и жетвата му се смрт.

Внимавај и научи се од ***Светото писмо***.

Ева посеала неправда преку непослушноста и ја снашле породилни маки.

Каин посеал неправда преку братоубиството и го снашло зло со лутање по земјата.

Содома и Гомора посеале неправда и пожнеале зло на грозна смрт.

Синовите на првосвештеникот Илија посеале неправда, бидејќи го скврнавеле Ковчегот на Заветот, и пожнеале зло зашто горко го изгубиле својот живот во борбите.

Сети се на Саул, на неговата неправда и на неговото зло. Па сети се на Ахав и на Језавела. Па сети се на Ирод и на Јуда. Па сети се на денешниот ден, и на вчерашниот, и на секој поранешен ден, и начуј ги зборовите на секој ден: „Кој сее неправда, жнее зло!“ Има ли село во светот на кое оваа наука не му е предочена? Има ли покрив кој под себе не крие таква наука? Има ли барем еден жив човек кој не ја посведочил оваа наука на живите примери околу себе?

О Господи Премудар, кога не би ја знаеле Твојата волја, помалку би одговарале. Но кога си ни дозволил да ја знаеме, Премилостив, додај ни сила и да ја извршуваме преку сите денови на нашиот живот. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

22 ЈУНИ

1. Свешт-мч. Евсевиј еп. Самосатски. Голем разобличувач на аријанството. Кога се испразнил антиохискиот престол, со неговото настојување, за патријарх бил избран Мелетиј, големо светило на Црквата, кој по смртта се удостоил со голема пофалба од страна на св. Јован Златоуст. Но аријанците брзо го изгониле Мелетиј од Антиохија. Кога умрел лошиот син на Константин, Констанциј, се зацарил еден уште полош од него, Јулијан Отстапник. Во времето на гонењето на христијаните од страна на Јулијан, св. Евсевиј ги соблекол од себе свештеничките одежди, а се облекол во војничка униформа, па така преправен во војник ги посетувал гонетите цркви по Сирија, Феникија и Палестина, секаде утврдувајќи ја православната вера и поставувајќи потребни свештеници и ѓакони и други клирици, а понекаде и епископи. По бучната погибел на Јулијан, св. Евсевиј го посоветувал Мелетија, та свикал собор во Антиохија во 361 година, на кој присуствувале 27 архијереи, на кој уште

еднаш повеќе била осудена ариевската ерес, а се преутврдила православната вера онака како што е изразена на Првиот вселенски собор. Покрај Мелетиј и Евсевиј, на овој собор особено паѓал во очи св. Пелагиј Лаодикиски, прочуен девственик и подвижник. Тој Собор бил во времето на благочестивиот цар Јовинијан. Но овој цар набргу умрел, а се зацарил лошиот Валент, со кого настапило повторно гонење на христијанството. Св. Мелетиј бил прогонет во Ерменија, Евсевија во Тракија, а Пелагиј во Арабија. После Валент, се зацарил царот Грацијан, којшто ѝ дал слобода на Црквата, а затворените архијереи ги повратил на своите места. Така се вратиле: Мелетиј во Антиохија, Евсевиј во Самосат, а Пелагиј во Лаодикија. Во тоа време многу епархии и парохии биле вдовици, па Евсевиј ревносно итал да најде и на народот да му даде законити пастири. Но кога тој дошол со законитиот епископ Марин во градот Долихин да го востоличи новиот архијереј и ереста аријанска, која во тој град била силна, да ја разобличи, некој фанатичен еретик од покривот фрлил керамида на главата на Евсевиј и го ранил сериозно, од која рана овој голем ревнител на христијанството светител и маченик умрел за вечно да живее во рајското блаженство. Пострадал во 379 година.

2. Св. мч-ци Зинон и Зина. Свети Зинон бил римски офицер во градот Филаделфија Арабиска. А Зина му бил слуга. Кога во времето на царот Максимијан настанало гонењето на христијаните, св. Зинон се осмелил, излегол пред војводата Максим, ја исповедал својата вера во единиот жив Бог и го посоветувал и тој да се оттргне од мртвите идоли и да ја прими единствената вистинска вера. Војводата се налутил, па го фрлил Зинона во самица. А кога верниот Зина го посетил својот господар во самицата, тогаш и тој бил фатен и уапсен. Потоа двајцата биле мачени за Христа и најпосле биле фрлени во оган, во кој незнабожците истуриле масло. Душите нивни се овенчале со венци во царството Христово, а телесните останки им биле погребани во црквата на св. Георгиј, во местото наречено „Кипарисион".

РАСУДУВАЊЕ

Зошто Господ допушта на вистинската вера да има напади и маки, додека на ересите и на незнабоштвото му допушта наслaдување и спокојство? „Зошто?“, се прашува и св. Јован Златоуст и веднаш одговара: „Затоа за ти да ја познаеш нивната слабост (на ересите и на незнабоштвото) кога ќе видиш дека тие и без вознемирување самите од себе се распаѓаат, и да би се убедил во силата на верата што претрпува беда, па дури и преку своите противници се умножува“. „Значи, ако спориме со незнабожците или со бедните Јудејци, доволно е да го истакнеме доказот на божествената сила и тоа што верата (христијанска) е подложувана на безбројни борби, во кои ја одржала победата“, дури и кога целиот свет стоел против неа. А св. Исак Сирин говори: „Чудната Божја љубов кон човекот се познава кога човекот е во беда што ја разорува неговата надеж. Овде Бог ја покажува Својата сила на негово спасение, бидејќи никогаш човекот не ја познава силата Божја во спокој и во слобода“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното онемување на првосвештеникот Захариј (Лк. 1:20), и тоа:

1. како Захариј не му поверува на ангелот Божји дека старата утроба на неговата жена може да зачне и да роди, и како заради тоа онемел, според зборовите ангелски;

2. како сум и јас со немилост удрен кога не можам доволно да зборувам за чудата Божји, бидејќи верата ми е мала.

БЕСЕДА
за тоа како мрзливиот се оправдува

Мрзливиот вели: Лав на патеката... (Изреки, 22:13).

За да ја оправда својата мрзливост, мрзливиот ги истакнува тешкотиите и препреките за некоја работа и ги зголемува преку секаква мера. Ако му пречи еден човек, тој ќе рече дека му пречи целото село; ако шушкаат лисјата, тој ќе се оправда дека не може на работа заради бурата; ако пред куќата има зајак, тој ќе рече – лав, само да не излезе од куќата и само да ја одложи работата.

Мрзливоста е сосема спротивна на човековата природа. Човековата природа е делотворна: таа бара да се работи, да произведува, да ѕида. Мрзливоста е сигурен знак на унакажаната природа кај еден човек. Дека мрзливоста е страшен порок, јасно е и од тоа што еден вреден човек никогаш не му завидува на мрзливиот, додека мрзливиот му завидува на вредниот, исто онака како што трезвениот човек што не му завидува на пијаницата, додека пијаницата му завидува на трезвениот човек.

О Господи, Создателу највреден, спаси нè од тапата и порочна мрзливост со која ние се оддалечуваме од својата првосоздадена природа, и од образот и Твоето подобие, Владико на сите твари! Надахни нè со Твојот Свет Дух, сеподвижен и радоснотворен. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

23 ЈУНИ

1. Св. мч-чка Агрипина. Света Агрипина била родена и воспитана во Рим. Од самото детство се вежбала да живее евангелски, отфрлувајќи ја од своето срце смрдеата на страстите и налевајќи го срцето свое со благоуханието на девственичка чистота, со девственост и целомудрие. Била

свршена за Христа Господа и како невеста Христова пострадала во времето на царот Валеријан. Претрпела тепање со стапови сѐ додека коските не ѝ ги ослабеле. Ангел Божји ѝ се јавил и ја поткрепувал. При новите маки, го предала својот дух на Бога. Нејзините другарки: Васа, Пауна и Агатоника ги пренесле нејзините мошти на островот Сицилија и таму чесно ги погребале. Тука подоцна е подигната црква во име на св. Агрипина. Од нејзините мошти се случувале безбројни чуда. Со силата на нејзините мошти дури и Агарјаните биле вратени од градот каде што моштите почивале. Се упокоила и се овенчала со слава во 275 година.

2. Св. мч-ци Евстохиј, Гај и други со нив. Евстохиј бил идолски маѓесник во времето на царот Максимијан, па откако го видел јунаштвото на христијанските маченици, го отфрлил незнабоштвото и се крстил. Го крстил самиот антиохиски епископ Евдоксиј. После тоа, Евстохиј постепено ги превел своите роднини во христијанството. Неговиот роднина Гај се крстил заедно со трите деца: Пров, Лолиј и Урбан. Сите овие, и уште други со нив, биле изведени пред суд, мачени и обезглавени заради верата во Христа Господа во Листра. Нивните души се преселиле во бесмртното царство Христово.

3. Спомен на иконата на Пресвета Богородица Владимирска. Кога татарскиот цар Ахмед ја опколил Москва, кнезот Јован Василевич отишол со војската да го брани градот. Иако војската на кнезот била помалубројна и послаба од татарската војска, сепак таа испаднала победоносна, бидејќи одеднаш Татарите ги обзел неопислив страв, па се збркале и се разбегале. Овој неочекуван успех сите ѝ го препишувале на иконата на Пресвета Богородица, пред која народот се молел за избавување од Татарите. Поради тоа во Русија е одреден 23 јуни за спомен на ова чудо.

4. Кажување за покајанието на Теофил. Овој, од завист кон епископот, си ја предал душата на ѓаволот и писмено се одрекол од Христа и Богородица. И потоа Теофил горко се покајал, го исплакал опростувањето од Светата Пречиста после четириесетдневен пост и молитви со солзи,

ја примил назад напишаната хартија што му ја дал на ѓаволот и јавно го исповедал својот грев во црквата пред епископот и народот. И кога епископот му изрекол разрешување и го причестил, на Теофил лицето му заблескало како сонце. Еве пример како милостивиот Бог не само што им ги опростува гревовите на вистинските покајници, туку и во светителите ги вбројува.

РАСУДУВАЊЕ

Незлобно трпение – тоа е христијанското трпение, а трпението со немоќна злоба не се разликува многу од одмаздата. Нашите големи светители се во секоја евангелска добродетел, но колку се големи и величествени во незлобното трпение! Можеби тие ни се чинат во таа добродетел најголеми затоа што ние сме во неа најмали. Кога пустинските отци еднаш се насобрале околу Јована Колов да слушнат поука, некој завидливец дофрлил: „Твојот сад, Јоване, е полн со отров!“ На ова незлобниот Јован веднаш му вратил: „Тоа ти го рече, гледајќи ја само надворешноста, а што би рекол тогаш кога би ја видел внатрешноста?“ А кога св. Кипријан, еп. Картагински, го извеле на исечување, тој наредил по неговата смрт на џелатот да му дадат 25 златници.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцелување на Захариј од немотија (Лк.1:64), и тоа:

1. како онемел Захариј заради неверувањето на ангелот Божји;

2. како проговорил штом ја исполнил ангелската заповед (Лк. 1:63);

3. како и од мојата душа ќе отпадне немоста штом почнам да ги исполнувам заповедите Божји, и како мојата душа ќе биде полна со словесност и мудрост по Бога.

БЕСЕДА
за тоа како не треба да им се завидува на грешниците

Не завидувај им на лошиӣе луѓе (Изреки, 24:1).

Дали некој му завидува на губавиот? Не му завидува. Зошто тогаш понекогаш му завидува на лошиот кога злото е поголема болест од губата. Губата е болест на телото, а злото е болест на душата. Губавиот однатре може да биде здрав, додека однадвор е болен; лошиот пак, однадвор може да биде здрав, но внатрешноста му е болна, срцето му е болно. Поголема цена има дрвото однадвор со болест, но со здрава срцевина, отколку она дрво што е однадвор здраво, но е со гнила срцевина. Така и губата е помало зло од злото, т.е. од гревот. Бидејќи под зло Премудриот мислел на гревот.

Дали лекарот му завидува на болниот? Не му завидува. Ни праведникот не му завидува на грешникот. Ако не знаеш дали си праведен, испитај го своето срце: дали му завидуваш на грешникот? Ако му завидуваш, не си праведен, ако ли не му завидуваш – тогаш радувај се, праведнику Божји. Болниот на болен може да му завидува, болниот на здрав може да му завидува, но здравиот на болен не му завидува. Ни праведниот на грешник не му завидува. Лекарот ја познава смртоносната болест кај својот болен и знаејќи, го сожалува – а не му завидува. И праведникот ја познава болеста на гревот, страшна и смртоносна, па не му завидува на грешникот, но го сожалува.

О Господи добар и сожалив, искорени ја зависта од нашите срца и вкорени ја љубовта. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

24 ЈУНИ

1. Раѓање на св. Јован Претеча и Крстител Господов. Шест месеци пред своето јавување во Назарет на Пресветата Дева Марија, великиот Гаврил, архангелот Божји, му се јавил на првосвештеникот Захариј во ерусалимскиот храм. Пред да го објави чудното зачнување на неискусомажната Девица, архангелот го објавил чудното зачнување на бездетната старица. Захариј не им поверувал веднаш на зборовите на гласникот Божји и затоа јазикот му се врзал немило, и останал нем сè до осмиот ден од раѓањето на Јован. Во тој ден се собрале роднините на Захариј и на Елисавета заради обрезување на младенецот за да му стават и име. Па кога го прашале таткото какво име ќе му даде на синот, тој, бидејќи нем, напишал на една штичка: Јован. Во тој миг му се одврзал јазикот и тој почнал да зборува. Домот на Захариј бил на една од височинките помеѓу Витлеем и Хеврон. По целиот Израил се разнесло глас за јавувањето на ангелот Божји на Захариј, за немилиот случај и за одврзувањето на неговиот јазик во часот кога го напишал името Јован. Гласот за тоа дошол и до Ирод. Затоа Ирод, кога испратил луѓе да ги исколат децата во Витлеем, испратил луѓе и во ридскиот крај, во домот на Захариј да го убијат и Јована. Но Елисавета благовремено го засолнала детето. Разлутен поради ова, царот Ирод испратил џелати во храмот каде што служел Захариј, оти на Захариј повторно му паднала жрепката за служење во ерусалимскиот храм, да го убијат. Захариј бил убиен помеѓу притворот и храмот, а крвта негова се згрутчила и се скаменила на плочите и останала така како постојан сведок против Ирода. Елисавета со детето се скрила во една пештера, каде што наскоро починала. Младенецот Јован останал во пустината сам на грижа на Бога и на ангелите Божји.

2. Св. Никита еп. Ремесијански. Другар и врсник на св. Павлин Нолски (види, 23 јануари). Изгледа дека бил Словен и како таков дека го проповедал *Еванѓелието* меѓу Словените во областа Нишко – пиротска. Каква промена на-

правил меѓу Словените најдобро покажува песната што св. Павлин му ја испеал на Никита:

„Каква промена! И како среќна! Дотогаш непреодни и крвави гори, сега кријат разбојници обратени во монаси, питомци на мирот.

Каде што имаше ѕверски обичаи, сега таму има лик ангелски. Праведник се крие во пештера, каде што порано живееше злотвор“.

Престолнина на св. Никита му бил градот Ремесијан, под кој некои луѓе го подразбираат Пирот. Покрај својата мисионерска служба, св. Никита има напишано и неколку книги, и тоа: шест книги за верата, книга за девојката која паднала во грев (која што многумина побудила на покајание). Свети Никита се упокоил во V век.

Дека св. Никита бил Словен и дека живеел во Пирот тврди св. Филарет во книгата „Светители на јужните Словени“.

3. Св. мч-ци Орентиј, Фарнакиј, Ерос, Фирмос, Фирмин, Кириак и Лонгин. Сите биле браќа. Биле римски војници во времето на царот Максимијан. Кога Римјаните војувале против Скитите за Дунав, св. Орентиј му излегол на мегдан на скитскиот голијат Марот и го убил. Поради тоа сета римска војска им принесла жртви на боговите, но Орентиј со браќата изјавил дека се христијани и дека не можат да им принесуваат жртви на глувите и неми идоли. Без оглед на нивните војнички заслуги, биле осудени на прогонство во касписките предели, но по пат сите седуммина, еден по друг, од глад и маки го завршиле својот живот на земјата и се преселиле во царството Христово.

РАСУДУВАЊЕ

Една од разликите помеѓу красноречивата елинска филозофија и христијанската вера е тоа што елинската филозофија дозволува сѐ јасно со зборови да се изложи и со читање да се разбере, додека христијанската вера ниту дава целата јасно со зборови да се изложи, ниту, пак, уште по-

малку, само со читање да се разбере. При излагањето на христијанската вера неопходен е и пример на изложувачот, а при разбирањето и усвојувањето, освен читање, потребно е и вежбање на читачот. Кога патријархот Фотиј ги прочитал зборовите на Марко Подвижник за духовниот живот, тој кај писателот забележал извесна нејаснотија, за која тој мудро вели дека „не произлегува од темнината на излагањето, туку од тоа што вистините овде изложени подобро се сфаќаат со посредство на вежбање (отколку со посредство на зборови), и не можат да се објаснат само со зборови... И ова, додава големиот патријарх, не е случај само кај овие беседи, ниту само кај овој единствен маж, туку кај сите кои се потрудиле да ги изложат подвижничките закони, страсти и упатства што подобро се разбираат од самото делување (вежбање)“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното распознавање на старецот Симеон Богопримецот (Лк. 2:27), и тоа:

1. како овој свет старец духовно го познал нејакиот Младенец како Господ и Месија додека заслепените книжевници и свештеници не Го познале ни тогаш кога Он направил безброј чуда и ја објавил нечујната мудрост;

2. како и мојата душа, ако се вгнездила во гревовите, не може да Го познае Господа.

БЕСЕДА
против злорадоста

Немој да се радуваш кога непријателот твој ќе падне и срцето твое да не се весели кога тој ќе се сопне (Изреки, 24:17).

Човек е, немој да се радуваш на неговиот пад. Брат ти е, нека не ти се весели срцето кога ќе пропадне. Бог го создал за живот и Бог не се радува на неговата пропаст. Не радувај се ни ти на она што го растажува Бога. Кога човекот пропаѓа, Бог губи; зар ти да се радуваш на загубата на својот Создател, својот Родител? Зар кога плачат ангелите, ти да се веселиш?

Кога твојот непријател ќе падне, моли се за него Бог да го спаси и благодари Му на Бога што ти не си паднал така. Од ист материјал сте и ти и тој, како две грниња од рацете на грнчарот. Ако едното грне се скрши, треба ли другото да се смее и да се радува. Погледни, малото камче, што го скршило она грне, само чека нечија рака да го крене па да го скрши и ова грне. Од ист материјал се двете грниња и малото камче може да искрши стотина грниња.

Кога една овца ќе се изгуби, треба ли да се радува останатото стадо? Не, не треба да се радува. Бидејќи, гледај, пастирот го остава стадото и загрижен оди да ја бара изгубената овца. Загубата за пастирот е загуба и за стадото. Затоа не радувај се кога твојот непријател ќе падне, бидејќи ни твојот и негов Пастир, Господ Исус Христос, не се радува на неговиот пад.

О Господи Исусе Христе, Добар Пастиру, искорени ја злорадоста од нашите срца и наместо неа, во нашите срца насади сожалување и братољубие. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

25 ЈУНИ

1. Св. мч-чка Февронија. Ќерка била на сенаторот Просфор од Рим. За да го избегне бракот со смртен човек, таа себе си се ветила на Христа и се замонашила некаде на Исток во асирската земја, во манастирот во којшто игуменија била нејзината тетка Вриена. Лисимах, син на некој големец, имал желба да се ожени со Февронија, но бидејќи царот Диоклецијан во него насетувал таен христијанин, го ис-

пратил на Исток со Селин, неговиот стрико, да ги фаќа и да ги убива христијаните. Селин бил суров како ѕвер и секаде безобѕирно ги истребувал христијаните. Лисимах напротив, секаде каде што можел ги штедел христијаните и ги засолнувал од својот ѕвероподобен стрико. Откако ги запустил христијаните во Палмира, Селин дошол во градот Сивапол, во чија близина имало женски манастир со 50 испоснички, меѓу кои била и Февронија. Иако имала само 20 години, Февронија ја почитувале и во манастирот и во градот поради големата кроткост, мудрост и воздржливост. Во тој манастир се држело правилото на блажената Платонида, поранешна игуменија, секој петок да се поминува само во молитва и читање на свештени книги. Вриена ја одредила Февронија да им чита на сестрите од свештените книги, и тоа стоејќи скриена зад засторот за никој да не се занесува и пленува со убавината на нејзиното лице. Слушнувајќи за Февронија, Селин наредил да му ја доведат. Па кога светата девица не сакала да се одрече од Христа и да се согласи на брак со смртен човек, тој наредил да ја тепаат, потоа да ѝ ги изронат забите, па да ѝ ги отсечат рацете, па градите, па нозете и најпосле да ја обезглават. Но мачителот, истиот тој ден, го снашла страшна Божја казна: бес влегол во него и го обзел претсмртен ужас; во тој ужас тој со главата удрил во мермерен столб и паднал мртов. Лисимах наредил телото на Февронија да се собере и да се однесе в манастир, каде што било чесно погребано, а тој, со многу други војници, се крстил. Од моштите на Февронија се добивале многу исцеленија, а и таа самата се јавувала на денот од нејзиниот празник и стоела на своето вообичаено место помеѓу сестрите, и сите сестри ја гледале со страв и радост. Света Февронија чесно пострадала и се преселила во вечното блаженство во 310 година, а во 363 година нејзините мошти биле пренесени во Цариград.

2. Преп. Дионисиј. Ктитор на манастирот св. „Јован„ (*Дионисијат*) на Атон. Родум е од Корица, во Албанија. Неговиот постар брат Теодосиј се оддалечил во Света Гора каде што, со време, станал игумен на манастирот „Филотеј".

Кога пораснал и св. Дионисиј дошол кај својот брат во „Филотеј", и овој го замонашил. По Божјата промисла, Теодосиј, занимавајќи се еднаш со манастирска работа во Цариград, бил избран и посветен за митрополит во Трапезунт. На Дионисија, пак, почнало да му се јавува некоја чудна светлина секоја ноќ на она место каде што тој подоцна го подигнал манастирот на св. Јован Претеча. Разбирајќи ја појавата на таа светлина како знак од небото, дека тука треба да подигне манастир, Дионисиј отишол во Трапезунт кај својот брат и кај царот Алексеј Комнен да побара помош. Царот му дал и пари и повелба, која и сега се чува во манастирот. Дионисиј го основал манастирот на св. Јован Претеча во 1380 година. Но, кога еднаш морски разбојници го ограбиле манастирот, Дионисиј повторно отишол во Трапезунт и таму го завршил животот, во 72. година од земниот живот. А манастирот „Дионисијат" и до денес напредува и цвети. Во тој манастир се наоѓа икона на Пресвета Богородица наречена „Пофалба", која што царот Алексеј Комнен му ја дарувал на Дионисиј. Според преданието, пред таа икона првпат е читан акатист на Богородица составен од патријархот Сергеј.

РАСУДУВАЊЕ

„Кој сака од себе да ги отстрани идните беди, мора со радост да ги поднесува сегашните", рекол Марко Подвижник. Луѓето ја сметаат клеветата за голема беда и малкумина се оние кои ја поднесуваат неа без роптаење. О красен плоду на благодушно поднесена беда! Бедата ни се дава за добра духовна трговија, а ние ја пропуштаме приликата останувајќи празни на пазарот. Гледај, и Атанасиј, и Василиј, и Златоуст, и Макариј, и Сисој, и илјадници други следбеници на Најклеветениот биле наклеветени. Но Бог, кој устројува сѐ за наше спасение, така устроил на трњето од клеветата да никнат мирисни ружи на слава за сите наклеветени заради Неговото име. Ако не бил наклеветен, зар Стефан би го видел небото отворено и славата Божја на небото? И

клеветата на целомудрениот Јосиф зар не заслужила уште поголема негова слава?

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудниот риболов во подлабокото (Лк. 5:4), и тоа:

1. како апостолите отишле во длабокото и со благослов на Господа уловиле премногу риби;
2. како сум јас празен и гладен додека стојам во плиткото на сетилата и овде ловам сила и мудрост;
3. како треба да појдам во духовната длабочина, со благослов на Господа, и таму да уловам добар лов.

БЕСЕДА
за денешниот и утрешниот ден

Не фали се со утрешниот ден зашто не знаеш што ќе роди тој ден (Изреки, 27:1).

Да не се фалиме, браќа, со она што не е под наша власт. Времињата и годините ги положил Господ под Своја власт и Он со нив располага. Само единиот Бог знае дали утрешниот ден ќе нè вброи во живите или во мртвите? Некои умреле во пресрет на денот на своето венчавање, други, пак, слегувале во гробот во пресрет на денот на крунисувањето со царска круна. Никој нека не зборува: утре ќе ми биде најсреќниот ден во животот, утре стапувам во брак! Или, утре се крунисувам со царска круна! Или, утре ќе одам на голема прослава! Или, утре ми доаѓа голема добивка! О никој нека не зборува за среќата на утрешниот ден. Гледај, уште оваа ноќ може душата да излезе од телото и утре ќе се најде опколена со црни демони во митарствата! Уште оваа ноќ човекот може да се оддели од роднините и пријателите, од богатството и од честа, од Сонцето и од ѕвездите и ќе се

најде во сосема непознато друштво на невидено место на судот неочекуван.

Наместо да се фалиме со утрешниот ден, подобро е да се молиме на Бога да ни го даде *денес лебот наш насушен*. Можеби денешниот ден ни е последен на земјата. Затоа е подобро овој ден да го поминеме во покајание за сите минати наши денови на земјата, отколку суетно да фантазираме за утрешниот ден, за денот кој што, можеби, никогаш нема да ни се раздени. Суетното фантазирање за утрешниот ден не може да ни донесе никакво добро, додека покајанието со плач за еден ден може да нè спаси од вечниот оган.

Господи праведен, изгори ја безумната суета во нас. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

26 ЈУНИ

1. Преп. Давид. Родум од Солун. Прво се подвизувал близу до Солун во една колиба направена под бадемово дрво. Подоцна го продолжил својот подвиг во Тесалија. Толку се исчистил со пост, молитва и бдеење, што се удостоил да прими голема благодат од Бога. Еднаш зел жар во раката, ставил темјан и го покадил царот без никаква повреда на раката. Видувајќи го тоа, царот му се поклонил доземи. Со многубројни чуда им помагал на луѓето. Мирно се упокоил и се преселил во блажената вечност во 540 година.

2. Празник на иконата „Тихвинска“. Оваа икона на св. Богородица прво била во Цариград, но на 70 години пред падот на Цариград, во 1383 година, таа ненадејно се појавила во воздухот близу до градот Тихвин во Северна Русија. Каде што се спуштила на земјата, била построена црква и манастир. А според градот Тихвин е наречена „Тихвинска“. Безбројни чуда се случиле од оваа чудотворна икона, особено многу болни од неа добиле исцелување.

3. Празник на иконата Одигитрија. Оваа икона на дрво ја изработил самиот евангелист Лука. Иконата ја видела и самата Пресвета Богородица и ја благословила. Таа и-

кона св. Лука му ја подарил на државникот Теофил, за кого ги пишувал *Делата на светите апостоли*. Од Антиохија иконата подоцна е пренесена во Ерусалим, а од Ерусалим ја зела царицата Евдокија и ја испратила во Цариград на дар на царевата ќерка, на побожната Пулхерија. Пулхерија ја подарила во влахернската црква, во својата сопствена задужбина. Еднаш Пресвета Богородица им се јавила на двајца слепи и ги довела во црквата во Влахерна, пред својата икона, и тука на двајцата им го повратила видот. Поради тоа, таа икона ја нарекле „Одигитрија“ – „Патеводителка“. Кога војските на персискиот цар Хозрој и скитскиот Каган нападнале на Цариград, патријархот Сергиј ја изнесол оваа икона на градските бедеми и ја носел по бедемот. И Пресвета Богородица тогаш ги спасила христијаните од нехристијаните. Непријателските војски се збуниле, морето се разбранило, бродовите потонале, непријателите кои останале живи се дале во бегство. Оттогаш е востановен споменот на ова чудо од Пресвета Богородица во саботата на петтата недела од Чесниот Пост со читање на *Акатистот*. Во времето на иконоборството оваа икона била пренесена во манастирот „Пантократор“ и таму засидана во ѕид и било поставено кандило пред неа да гори. Како што била засидана, така била и најдена.

4. Празник на Богородичната икона „Лидска“ или „Римјанка“.

РАСУДУВАЊЕ

За христијанинот покајанието непрестајно е неопходно до последната воздишка. „Разгледај и ќе видиш, говори св. Марко Подвижник, дека тајната на благочестието кај Божјите угодници се остварила преку покајанието“. Покајание и на смртниот час! Се случило ова: еден стар и познат испосник и духовник умирал и го повикал свештеникот да го причести. По патот, на свештеникот му се придружил некој разбојник и посакал и самиот да види како умира светиот човек. Светиот старец мирно примил причест и мирно раз-

говарал со свештеникот. Тогаш разбојникот се расплакал и рекол: „Блазе на тебе! Ах со каква ли смрт јас ќе се удостојам?“ Светиот старец (погоден одеднаш) му одговорил: „Биди и ти како јас, па и на тебе ќе ти биде како на мене!“ Разбојникот се вратил, по патот плачејќи и лелекајќи самиот над себе, па паднал и умрел. Тогаш луѓето виделе некој јуродив каде што плаче над светиот старец и игра и пее над разбојникот. Кога го прашале за причината за тоа, тој одговорил: „Со гордоста оној ги изгуби сите заслуги, а со покајанието овој ги собра сите плодови!“

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцеление на згрчената жена (Лк. 13:1), и тоа:

1. како Господ ја ставил раката на згрчената жена и жената се исправила;

2. како е душата моја како згрчена жена и кон земјата е искривена;

3. како Господ може да ја стави на мојата душа Својата рака, т.е. Својот Свет Дух и згрчената душа веднаш ќе биде исправена.

БЕСЕДА
за стравот на нечесните

Нечесниот бега кога никој не го гони, а праведникот е смел како лав (Изреки, 28:1).

И сенките се плашат од нечесните; сенките од дрвјата им се причинуваат како војски. Каде и да шушне нешто, нечесниот мисли: одмаздникот доаѓа! Треперењето на лисјата тој го слуша како тропање на синџири, гласовите на птиците тој ги прима како повик на ловците кои го бркаат дивечот, тревата тој ја гледа како предавник на својот зло-

стор; водата како сведок против себеси, Сонцето како судија, ѕвездите како потсмевнувачи. О браќа мои, колку лаги се раѓаат од гревот? Бидејќи е и стравот од гревот, гревот е од ѓаволот, а ѓаволот е татко на сите лаги.

Стравот е првиот плод на гревот. Кога згрешил Адам, тој се скрил пред лицето Божјо. И кога Бог го повикал, тој рекол: „Го чув гласот Твој во рајот кога врвеше, па се уплашив“ (I Мој. 3:10). Пред гревот Адам не знаел за страв, ниту се криел пред лицето Божјо, туку напротив, брзал секогаш во пресрет на Бога. А штом згрешил, се исплашил!

А праведниците се како лавови, без страв. Без грев, без страв. Без грев, без немоќ. Безгрешните се силни, многу силни и храбри, многу се храбри. Праведниците се силни и бестрашни. Такви се праведниците, само праведниците.

О Господи безгрешен, спаси нѐ од празниот грев, но пред тоа сочувај нѐ од гревот, стравот на родителите. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

27 ЈУНИ

1. Св. Сампсон Странопримец. Овој светител бил роден од познати и богати родители во стариот Рим, каде што го изучил сето световно знаење на тоа време, а особено се посветил на лекарската наука. Сампсон бил бесребреник и милосрден лекар, на болните им давал лекови и за телото и за душата, секого советувајќи го да ги исполнува прописите на христијанската вера. Потоа се преселил во Цариград, каде што живеел во една мала куќа, од која што давал на сите страни како Сонцето зраци на светлина, милостина, утеха, совет, надеж, лек и воопшто помош на беспомошните, и духовна и телесна. Патријархот чул за високите добродетели на овој човек и го ракоположил за свештеник. Во тоа време се разболел царот Јустинијан Велики и неговата болест, по верувањето на сите лекари, била неисцелива. Тогаш царот се помолил на Бога, со голема усрдност и Бог му от-

крил во сон дека Сампсон ќе го излекува. И навистина, кога дознал царот за Сампсона, го повикал во својот дворец и само што старецот ја ставил својата рака на болното место, царот оздравел. Па кога царот му понудил големо богатство за тоа, Сампсон заблагодарил и не сакал ништо да прими, велејќи му на царот: „О цару, јас имав и злато и сребро и друг имот, но сѐ оставив заради Христа да би ги добил вечните блага небесни". Но царот настојувал да му учини нешто, па св. Сампсон го замолил царот да му изгради еден дом за сиромаси. Во тој дом Сампсон им служел на сиромашните како родител на своите деца. Милоста кон сиромашните и немоќните му била природна. Најпосле овој свет човек, сиот исполнет со небесна сила и добрина, се упокоил мирно на 27 јуни 530 година и бил погребан во црквата на св. мч. Мукиј, негов роднина. По своето упокојување, Сампсон повеќе пати им се јавувал на оние кои го повикувале на помош.

2. Св. Севир презвитер. Живел во средна Италија. Маж со необична светост. Еднаш бил повикан да исповеда и причести еден претсмртник, но тој задоцнил работејќи во лозјето. Во тоа време му стигнала вест дека болниот умрел. Целиот исплашен, како да е тој убиецот на оној човек, почнал горко да плаче над мртовецот. И по неговата усрдна молитва, Бог го оживеал мртовецот. Тогаш Севир го исповедал и го причестил и го подготвил за христијанска разделба со овој свет. На осмиот ден, тој човек повторно умрел.

3. Св. Јоана Мироносица. Жена на Хуз, настојник Иродов (Лк. 8:3). Кога Ирод му ја пресекол главата на св. Јована Крстителот, тој му ја фрлил на нечисто место. Јоана ја зела главата на Крстителот и чесно ја погребала на Елеонската Гора, на Иродовиот имот. Дури во времето на св. Константин Велики главата е пронајдена. Св. Јоана се споменува како присутна и при страдањето и при воскресението на Господа. Мирно се упокоила.

РАСУДУВАЊЕ

Никој не е безумен, освен оној кој не може да ги согледа своите гревови и туѓите добродетели; никој не е просветен, освен оној кој може да ги види и да ги признае своите гревови и туѓите добродетели. Оние кои ги пронаоѓаат само туѓите мани и нив ги критикуваат, Златоуст ги срамнува со мувите што паѓаат на туѓи рани (не да ги лекуваат, туку повеќе да ги разјадат и затроват). „Бог нас нѐ испратил овде на епитимија", тоа се зборови на блажениот Теофил Киевски (+853). Оној кој знае и чувствува дека е на епитимија, се задлабочува во молчание и размислување за својот сопствен грев што го довел во епитимија. Овој ист блажен човек уште рекол: „Треба да се оплакуваат и гревовите на своите ближни, без тоа ниедно човечко битие нема да се спаси". Да се оплакуваат или да се објавуваат – како пишува, синко мој? Кај блажениот Теофил пишува: „Да се оплакуваат", а кај сатаната, „Да се објавуваат". Теофил,пред смртта, за себе на браќата им го оставил овој завет: „Потсетувајте се на смрдливиот Теофил". Тоа е аманет на најсветото човечко битие во Киев, во 1853 година.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцелување од дебелата водена болест (Лк. 14:2), и тоа:

1. како Господ се допрел до човекот со дебела болест и овој оздравел и си отишол дома;

2. како е мојата душа - бидејќи е под товар на телољубието – под товар на дебела или водена болест;

3. како Господ може со еден допир да ја исцели дебелината на мојата душа и да ја ослободи од прекумерниот товар на страсната влага.

БЕСЕДА
за високиот заклон

Кој се надева на Господа, ќе се спаси (Изреки, 29:25).

Праведникот е во заклон Господов, во висок заклон: вода до него нема до допре ниту потоп ќе го удави. Потопот ни Ноета не го удавил, бидејќи Господ му бил на висок заклон.

Но има, браќа, еден потоп што е полош од водениот потоп, а тоа е потопот на страстите. Кога страстите ќе се разгорат, кога ќе се зачадат и зацрнат, кога наоколу ќе ја пуштат својата смрдеа, каде човекот ќе побегне и кој ќе го спаси? Единствено под рацете на Господа, единствено во Неговиот заклон, во високиот заклон. Потопот на страстите навалил на Давида, но тој побегнал и се склонил под раката на Господа, во високиот заклон се спасил од огнот, од чадот и од смрдеата на страстите што го гонеле.

Човекот не спасува ниту од еден потоп. Спасува само Бог. Бог е Господар на облаците и скротувач на страстите. Навистина Он е висок заклон. Да прибегнеме кон Него и да се скриеме во Неговите поли. Песот се покажува како лав кон просјакот, а како празна вреќа пред нозете на господарот.

Господи Севишен, што седиш на висок престол, Ти си висок заклон. Биди ни милостив Создателу наш и пружи ни ја раката да се воздигнеме до Твојот заклон. Спаси нè од бујните води што јурат да нè потопат. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

28 ЈУНИ

1. Св. мч-ци Кир и Јован. Овие свети маченици се празнуваат на 31 јануари. Под таа дата и е опишано нивното житие и страдање. А на 28 јуни се празнува преносот на

нивните мошти од Канопос во Манутин и многубројните чуда што се случиле од нивните мошти. Свети Кирил, патријарх Александриски, усрдно Му се молел на Бога да го уништи идолското нечестие во местото Манутин, каде што имало идолски храм и каде владеела демонската сила. Тогаш на патријархот му се јавил ангел Божји и му рекол дека Манутин ќе биде исчистен од нечестието, ако тој ги пренесе на тоа место моштите од св. Кир и Јован. Патријархот тоа веднаш и го направил: ги пренесол чесните мошти на мачениците во Манутин и таму изградил црква во нивно име. Од моштите на овие маченици од скрофула (туберкулоза на лимфните жлезди во вратот) се исцелил Амониј, синот на александрискиот градоначалник Јулијан; некој Теодор од слепило; Исидор од Мајум се исцелил од гниење на црниот дроб; жената Теодора од затруеност, некој Евгениј од водена болест, како и многу други од разни болести и маки. Сето ова се случило во 412 година.

2. Преп. Сенуфиј Знаменосец. Голем испосник и чудотворец од египетската пустина, современик на патријархот Теофил и царот Теодосиј Велики. Наречен е „Знаменосец" затоа што со своите молитви еднаш му помогнал на царот Теодосиј да ја одржи победата над непријателската војска. Кога царот го повикал да дојде во Цариград, тој одговорил дека не може да дојде, но му го испратил своето расо (горната мантија) и бастунот. Тргнувајќи во војна, царот го облекол расото од Сенуфиј и го зел бастунот. И се вратил од војната како победник.

3. Преп. Павле лекар. Родум коринтјанин. По завршеното образование, се повлекол во манастир и станал инок. Голема борба имал со нечистиот дух на блудот. Па кога со крсната сила го изгонил од себе, духот му направил пакост на тој начин што наговорил една развратна жена да каже дека родила дете со Павле. Тогаш еретиците го извлекле од манастирот, му го дале детето в раце и го терале по градот за луѓето да го плукаат. А детето имало само неколку дена. Свети Павле прилежно се помолил на Бога и му рекол на народот: „Еве детето, само нека каже кој му е татко!" И

детето ја пружило раката од пелените, покажало на еден ковач и рекло: "Овој е мојот татко, а не Павле монахот!" Неговите противници се посрамиле, а на Павле Бог му дал голема целебна моќ, така што кога ги ставал своите раце на болните, тие оздравувале. Во староста мирно се упокоил, угодувајќи му на Бога со својот живот на Земјата. Живеел во VII век.

РАСУДУВАЊЕ

Протестантите Му го одрекле чудотворството на Бога преку материјалните работи. Тие со тоа мислеле да ја одуховат христијанската вера, меѓутоа, токму со тоа тие ја осиромашиле и ја нагрдиле. Тие го одрекле дејството на Божјата сила преку иконите, преку светителските мошти, преку крстот, па најпосле, некои од нив, и преку причеста. Ако би оделе доследно по тој наопачки пат, тие би морале да се одречат и од чудата што се случиле од живото тело на Господа Исуса, бидејќи и Неговото тело било од материја; исто така и чудата од допирот на апостолските и светителските раце, бидејќи и тие раце се од материја, а и да не зборуваме за жезолот на Мојсеја, за ризата и за појасот на Пресвета Богородица, за убрусот на апостол Павле итн. Во тоа свое одрекување протестантите се во спротивност на целата стара црква. Еве еден од илјадниците докази дека Бог делува преку тварите, посебно тогаш кога сака да ги прослави Своите светители. Во Александрија бил подигнат висок столб со статуа на царот Теодосиј, во монашко расо и со монашки стап во раката за спомен на царевата победа, која царот, облечен во расото на св. Сефиј и со неговиот стап во рацете, ја извојувал победата над непријателот. Кога Бог сака, тогаш и едно светителско расо ги победува силните невернички војски. Кој смее да го ограничи дејството и начинот на дејството на силата на сесилниот Бог?

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцелување на десетте губави (Лк. 17:12), и тоа:

1. како Гопсод со моќниот збор ги исцелил десетте губави луѓе кои Го молеле;

2. како и мене, духовно и морално губав, Господ може да ме исцели, ако Го повикам.

БЕСЕДА
за светоста

Но, по примерот на Светецот, Кој ве повика, и вие самите бидете светци во сите ваши постапки (I Петр. 1:15).

Светоста е, браќа, добродетел што ги опфаќа сите останати добродетели. Оттука и светителот, браќа, е човек украсен со сите добродетели. Бидејќи ако еден човек е молитвен, а не е милосрден, не може да се нарече свет. Или ако некој трпи, но без вера и надеж – не спаѓа во светителите. Или ако некој е многу милосрден, но без вера во Бога, навистина таков не се вбројува во светителите. Светителот е совршен човек, онаков каков што бил Адам во Рајот; или уште подобро: онаков каков што бил Новиот Адам, Господ Исус Христос. Овој е светител над светителите, Овој е сејач на светоста на земјата и негувач на светителите во историјата. Он нè повикал во достоинство на светителите. Он ни покажал пример на вистински светител. Он е прототип на светител, како што е Он и праобраз на човекот. Вистински човек, браќа, и не значи друго, туку светител. Светител и човек – тоа е едно исто. Он нам ни покажал што значи да се биде човек или што значи да се биде светител. А неговиот апостол Петар ни заповеда: „Бидете светци во сите ваши постапки!“ Светителот не е светител со еден дел од животот, туку со целиот живот. Во секој дел и во секое делче од

нашиот живот мораме да бидеме свети за да се вброиме во светците, т.е. во луѓето по прототипот на Светителот и Праобразот на човекот, Господ Исус Христос. Господи сесвет, на Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

29 ЈУНИ

1. Св. ап. Петар. Син Јонин, брат на Андреја првоповиканиот, од Симеоновото племе, од градот Витсаида. Бил рибар и се викал Симон, но Господ благоизволил да го нарече Кифа или Петар, што значи камен (Јован 1,42). Тој прв од учениците ја изразил верата во Господа Исуса велејќи: „Ти си Христос, Синот на живиот Бог" (Мат.16:16). Неговата љубов кон Господа била голема, а неговата вера во Господа постепено се утврдувала. Кога Господ бил изведен на суд, Петар трипати се одрекол од Него, но само со еден поглед во лицето на Господа – и душата на Петар се исполнила со срам и покајание. По слегувањето на Светиот Дух, Петар се јавил како нестрашлив и силен проповедник на ***Евангелието***. По една негова беседа во Ерусалим, во верата се обратиле околу три илјади души. Го проповедал ***Евангелието*** по Палестина и во Мала Азија, во Илирија и Италија. Правел големи чуда: лекувал болни, воскреснувал мртви, дури од неговата сенка се исцелувале болни. Имал голема борба со мaѓесникот Симон, кој се објавувал за бог, а всушност бил слуга на сатаната. Најпосле го посрамил и го победил. По заповед на опакиот цар Нерон, Симоновиот пријател, Петар, бил осуден на смрт. Поставувајќи го Лин за епископ во Рим и советувајќи го и утешувајќи го стадото Христово, Петар радосно отишол во смрт. Видувајќи го крстот пред себе, тој ги замолил своите џелати да го распнат наопаку, бидејќи се сметал себе си за недостоен да умре како и Господ. И така се упокоил големиот слуга на големиот Господар и примил венец на вечна слава.

2. Св. ап. Павле. Родум од Тарс, а од племето Венијаминово. Се викал Савле, се образувал кај Гамалиил, бил

фарисеј (лицемер) и гонител на христијанството. Бил чудно обратен во верата христијанска од Самиот Господ, Кој му се јавил на патот за Дамаск. Крстен од ап. Ананиј, наречен Павле и вброен во служба на големите апостоли. Со пламена ревност го проповедал ***Евангелието*** насекаде, од границите на Арабија до Шпанија, меѓу Евреите и меѓу незнабожците. Бил наречен „апостол на незнабожците". Колку стравотни биле неговите страдања, толку било и неговото натчовечко трпение. Преку сите години на неговото проповедување, тој од ден на ден висел како на слаб конец помеѓу животот и смртта. Откако ги исполнил сите денови и ноќи со труд и страдање за Христа, откако ја организирал Црквата по многубројни места и бидејќи ја достигнал таа мера на совршенство што можел да рече: „Не живеам веќе јас, туку Христос живее во мене", тогаш бил обезглавен во Рим, во времето на царот Нерон кога и апостол Петар.

РАСУДУВАЊЕ

Симон Петар и Симон Волх. Непријателите на христијанството честопати сакаат да наведуваат примери на големи чудотворци помеѓу незнабожците, со тоа да ги заведат лесноверните и да ја понижат христијанската вера, а незнабоштвото, магијата, гатањето, сатанството и секое шарлатанство да го возвишат. Нема сомневање дека и сатаната преку своите слуги проба да прави чуда, но сите тие чуда на неговите слуги не произлегуваат од човекољубие, сожалување, милосрдие и од вера во Бога, туку од горделивост, себичност, суета и омраза кон човекот. Христијанинот од апостолската историја треба да се научи да ги разликува божествените чуда од сатанските лаги и фантазии. Нека се сети само на апостол Петар и на Симон Волх. Нека ги спореди чудата на Петар со божемните чуда на Симона. Апостолот обраќал луѓе со камени срце во луѓе со благородни срца, лекувал болни, воскреснувал мртви, и тоа сѐ со молитва и со вера во живиот Бог; Симон Волх, пак, ги зачудувал луѓето со ѓаволски привиденија. Апостолот Петар бил другар на

Бога, а Симон Волх бил другар и штитеник на развратниот цар Нерон, кој завршил со самоубиство. Чудата на незнабожечките факири спаѓаат во видот привиденија и лагите на Симон Волх. Како што усвитениот песок оддалеку личи на вода, така и „чудата“ на факирот личат на животворните христијански чуда.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцелување на слепиот Вартимеј (Мк. 10:46), и тоа:

1. како Вартимеј Го молел Господа: „Помилуј ме!“
2. како Господ рекол: „Прогледај“ и тој прогледал;
3. како зборот Господов и на мојата слепа душа може да ѝ даде вид, ако се молам.

БЕСЕДА
за стравот Божји

Затоа поминувајте го времето на својот живот во страв (I Петр. 1:17).

Ова се зборови на големиот апостол Петар, зборови што имаат двојна потврда: небесно вдахнување и сопствено искуство. Според небесното вдахнување простиот рибар Петар постанал учител на народот, столб на верата, силен чудотворец. Според сопственото искуство, тој дознал дека сета негова мудрост и сила се од Бога, и дека оттука треба во себе да се има страв Божји. Никаков друг страв, туку страв Божји.

Безумниот се плаши само тогаш кога ќе светне молњата и кога громот ќе пукне, а мудриот се плаши од Бога секој ден и секој час. Творецот на молњата и на громот е пострашен од обете, а Он не се појавува пред тебе одвреме–време како молњата и громот, туку е непрестајно пред тебе и не се оддалечува од тебе. Затоа не е доволно само од-

време–навреме да се има страв Божји, туку треба да се дише со страв Божји. Стравот Божји е озон во задушливата атмосфера на нашата душа. Тој озон донесува чистотија и леснотија и благопријатна миризба, здравје. Сè додека не се утврдил во стравот Божји, Петар бил само Петар, а не апостол, и јунак, и учител на народот, и чудотворец.

О браќа мои, да не се веселиме пред жетвата. Овој наш живот не е жетва туку сеидба, и труд, и пот, и страв. Земјоделецот живее во страв сè додека не ги собере плодовите од нивата. Да ја оставиме и ние веселбата за денот на жетвата, а сега е време за труд и за страв. Дали ќе бидам спасен? Тоа прашање треба секој од нас да го мачи исто онака како што земјоделецот го мачи прашањето: дали ќе го ожнеам плодот од мојот труд на нивата? Секој ден земјоделецот се труди и стравува. Да се трудиме и ние и да стравуваме сето време од своето живеење на земјата.

О Господи страшен и силен, одржи нè во Твојот страв. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

30 ЈУНИ

1. Собор на св. славни и сефални апостоли. Покрај тоа што секој од дванаесетте апостоли има свој посебен ден на празнување во годината, сепак Црквата го одредила овој ден како соборен празник на сите заедно, а со нив и Павле. Ова се имињата и деновите на посебните празнувања на светите дванаесетмина: Петар – 29 јуни и 16 јануари; Тома – 6 октомври; Андреј – 30 ноември; Матеј Евангелист – 16 ноември; Јаков Заведеев – 30 април; Јаков Алфеев – 9 октомври; Јован Богослов – 26 септември и 8 мај; Тадеј или Јуда Јаковов – 19 јуни; Филип – 14 ноември; Симон Зилот – 10 мај; Вартоломеј – 11 јуни и 25 август; Матиј – 9 август; Павле – 29 јуни.

Да споменеме тука уште и како секој од овие најсвети и најкорисни луѓе во историјата на светот го завршил

својот земен живот: Петар – распнат наопаку; Тома – избоден со пет копја; Андреј – распнат; Матеј – во оган изгорен; Јаков Заведеев – обезглавен; Јаков Алфеев – распнат; Јован Богослов – се упокоил чудно; Тадеј – распнат; Филип – распнат; Симон Зилот – распнат; Вартоломеј – распнат, па одран и исечен; Матиј – каменуван, па мртов обезглавен со секира; Павле – обезглавен.

2. Блажен Петар кнез. По потекло е Татар и внук на татарскиот цар Беркај. Слушнал зборови за спасението од ростовскиот епископ Кирил и тие зборови му се прилепиле за срцето. А уште кога го видел чудното исцеление на синот Беркаев со помош на молитвата на епископот Кирил, тој тајно оставил сè и дошол во Ростов, каде што се крстил и каде што со целото срце и душа се предал себе си на подвиг и изучување на благочестивата вера. Еднаш ноќевал на брегот од езерото и во сон му се јавиле апостолите Петар и Павле и му наредиле да изгради нова црква во нивно име на самото тоа место; покрај ова, ги добил и потребните пари за таа намена. Петар навистина тука изградил прекрасен храм во кој и самиот во староста, после смртта на својата сопруга, се замонашил. Мирно завршил во длабока старост на 29 јуни 1290 година, а неговата црква постанала и останала манастир наречен „Петровски".

3. Преп. Георгиј Иверски. Роден во Иверија или Грузија во 1014 година, како роднина на грузиските цареви. Добил добро класично образование во детството, но срцето го повлекло кон духовниот живот. Се подвизувал кај прочуениот духовник Георгиј во гората Црна. Избегал во Света Гора и го продолжил својот подвиг во Иверскиот манастир. Постанал игумен иверски. Со помошта од царот Константин Мономах го обновил Ивер и ја покрил црквата со олово. Тој оловен покрив и до денес стои. Ги превел на грузиски јазик ***Светото писмо***, ***Прологот*** и други богослужбени книги. Царот Баград го повикал во Грузија да го учи народот. Бил царски дочекан во својата татковина. Секаде одел и го поучувал клирот и народот. Во староста посакал да заврши во Света Гора, каде што и тргнал, но смртта го стигнала во Ца-

риград, во 1067 година. Моштите му се пренесени во Ивер. Иако умрел на 24 мај, иверските монаси неговиот спомен го празнуваат на 30 јуни, сметајќи го рамноапостолен.

РАСУДУВАЊЕ

Грижа за доброто на сите луѓе! Таа грижа го исполнувала возвишениот дух и благородното срце на светите апостоли. Пишувајќи за апостол Павле, Златоуст го нарекува „општ татко на светот". „Како тој, вели Златоуст, самиот да го родил светот така се обеспокојувал, се трудел и работел сите да ги воведе во царството". Навистина превозвишен е овој назив „општ татко на светот", но ако тој би можел, после Бога, на било кој друг да му се придаде, тоа би можело само на апостолите Христови. Според родителската грижа за целиот свет, тие навистина биле „општи татковци на светот". Има многу мајки во светот кои помалку се грижат за доброто на своите родени деца отколку што апостолите се грижеле за доброто на своите гонители и непријатели. Својот најлуд противник Симон Волх, апостолот Петар двапати го спасил од смрт: еднаш кога народот сакал да го запали и другпат кога пес сакал да го растргне. И помислете, како светот им се оддолжил на овие свои добротвори! Како на најголеми разбојници и злосторници. О како се вистинити зборовите на св. Кипријан, кој вели: „Додека сме во тело, нам на христијаните ни се случува сè исто што и на незнабожците; разликата е само во духот".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното покајание на разбојникот на крстот (Лк. 23:40), и тоа:

1. како разумниот разбојник во маката ја чувствува Божјата близина, се кае и се моли на Бога за спасение, додека неразумниот маката го наведува на хулење на Бога;

2. како сум и јас разбојник заради гревот и треба да бидам како оној разумен разбојник кого маката не го оддалечила од Бога, туку го приближила кон Бога, кон Бога и спасението.

БЕСЕДА
за силата и дејството
на добрите дела

Оти, таква е волјата Божја – со добротворство да го задржуваме незнаењето на безумните луѓе (I Петр. 2:15).

Тешко е, браќа, да се спори со безбожен, тешко е да се разговара со безумен, тешко е да се убедува озлобен. Безбожниот, безумниот и озлобениот тешко ќе ги убедиш со зборови. Попрво ќе ги убедиш со дела. „Нека ги видат вашите добри дела, да Го прослават Бога" (I Петр. 2:12). На оние кои сакаат да спорат со вас, направете им добро дело и вие ќе го добиете спорот. Едно дело на милосрдие побрзо ќе го вразуми неразумниот и ќе го омекне озлобениот отколку многу часови разговор. Ако бебожништвото, безумието и злобата доаѓаат од незнаење, тоа незнаење е како беснило, што најбрзо се зауздува со добротворство. Ако ли ти спориш со безбожниот на неговиот бесен начин, со тоа го засилуваш бесот на безбожништвото. Ако со безумниот разговараш со подбивање, мракот на безумието се зголемува. Ако ли злобниот мислиш да го убедиш со гнев, со тоа го разгоруваш повеќе огнот на злобата. Кроткото и благото дело е како вода во пожарот. Сети се секогаш на светите апостоли и нивниот успешен начин на однесувањето со луѓето. Ако те предизвикува безбожникот, не те предизвикува човекот туку ѓаволот; човекот по природа е побожен. Ако безумниот те навредува, не те навредува човекот, туку ѓаволот; човекот по природа е разумен. Ако те прогонува озлобениот, не те прогонува човекот, туку ѓаволот; човекот по природа е

благ. Ѓаволот те предизвикува на други спорови и бесплодни разговори, а од доброто дело бега. Направи добро дело во името Христово и ѓаволот ќе побегне, и тогаш ти ќе имаш работа со луѓе, со вистински луѓе: побожни, умни и благи. Но сѐ што правиш, прави го во името Господово.

Господи преблаг, помогни ни да правиме доборо и со доброто да победуваме во Твоето име. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

1 ЈУЛИ

1. Св. мч-ци Козма и Дамјан. Лекари и чудотворци. Овие двајца светители биле браќа по раѓање, од Рим, и како деца биле крстени и воспитувани во христијанскиот дух. Имале голема благодат од Бога да ги лекуваат луѓето и животните од разни болести и маки, и тоа обично со полагање на рацете. За својот труд не барале никаква награда, само настојувале болните да веруваат во Христа Господа. Откако наследиле голем имот, милостивно го разделиле на сиромашните. Во тоа време во Рим царувал царот Карин. Гонителите на христијанството ги донесле пред него светите браќа, оковани во синџири. По долгото испрашување, царот им наредил да се откажат од Христа и да им принесат жртви на идолите. Но Козма и Дамјан не само што не го послушале царот, туку го посоветувале и него, и тој да отстапи од мртвите идоли и да го признае единствениот и вистински Бог. „Нашиот Бог не е создаден, туку Он е Творец на сè, а твоите богови се човечка измислица и дело на рацете на уметниците. И кога не би имало уметници да ви направат богови, вие не би имале на кого да се поклонувате“. По чудото направено над самиот цар – бидејќи на чуден начин го исцелиле од болеста – и самиот тој ја изјавил својата вера во Христа и ги ослободил светите браќа да си одат со мир. Тие продолжиле да го слават Христа Бога и да ги лекуваат луѓето, заради што и самите биле прославувани од народот на сите страни. Некој лекар, нивниот поранешен учител, им завидел на нивната слава и, под изговор дека ќе собираат лековити тревки, ги извел во планината и ги отепал со камења. Чесно пострадале за верата Христова во 284 година. Нивниот спомен останал траен во Црквата на земјата, а нивните души се преселиле во царството на Господа, вечно да живеат во слава и радост.

2. Преп. Петар Патрициј. Овој светител бил цариградски благородник и војвода во времето на царот Никифор. Во една војна со Бугарите царот Никифор бил убиен, а Петар со 50 војводи и грчки кнезови бил заробен и фрлен во темници. Оттаму на чуден начин бил ослободен од св. Јован Богослов. Тогаш тој ја презрел целата светска слава, ги оставил жената и синот и се оддалечил на планината Олимп, каде што, како ученик на св. Јоаникиј Велики, живеел по-

движнички цели 34 години. По смртта на жената и на синот, се населил во Цариград, каде што во пост и молитва поминал уште 8 години и се упокоил во Господа во 865 година, во 77. година од својот живот.

3. Св. мч. Потит. Тринаесетгодишно дете, роден во Сардинија. Откако претрпел многу маки за Христа и од својот татко и од државните гонители на христијанството, Потит бил исечен со меч во времето на царот Антонин (138–161). Пред тоа ја излекувал и ја крстил царската ќерка Агнија.

РАСУДУВАЊЕ

Врската помеѓу овој или оној свет христијаните ја покажуваат со молитва и милостината за умрените. Црквата на овој и Црквата на оној свет е една црква, едно тело, едно битие како што коренот на дрвото под земјата претставува еден организам со стеблото и гранките на дрвото над земјата. Оттука е јасно, како, сочинувајќи ја Црквата на земјата, можеме да добиеме помош од светителите и праведниците од небесната црква, како и тоа, умрените грешници во овој свет можат да добијат помош од нас на земјата. Св. Атанасиј вели: „Како што станува со виното затворено во бурето, кое, кога цути лозјето во полето тоа го чувствува, та и самото тоа (виното) заедно со него цути, така е и во душите на грешниците: тие добиваат некое олеснување од бескрвната жртва принесена за нив од милостина, направена за нивни покој“. Св. Ефрем Сирин го наведува истиот пример со виното и лозјето, па заклучува: „И така, кога и помеѓу растенијата постои таква меѓусебна сочувственост, зар тоа не е за умрените уште повеќе чувствителна молитвата и жртвата?“

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното претворање на водата во вино (Јов. 2), и тоа:

1. како Господ на свадбата во Кана ја претворил водата во вино;

2. како и мојата душа, ако се венча со живиот Господ, се претвора од земна вода во божествено питие.

БЕСЕДА
за тоа како треба да му се радуваме на Христа

Затоа радувајте се, макар сега да сте малку во скрб – ако е потребно – во разни искушенија (I Петр. 1: 6).

Така вели свети апостол Петар, чијшто живот бил исполнет со многу искушенија и чести маки. Така говори човекот кој го оставил својот дом и чедата свои и тргнал по Христа; кој заради Христа претрпел многу маки; од глад, од жед, од Евреите, од Римјаните, од лажните пророци, од суровите незнабожци и кој, најпосле, и на крст бил распнат сè заради Христа Господа. Тој, кој во својот живот бил немилосрдно тепан, со големи маки и големи искушенија, нè советува да Му се радуваме на Христа за таа радост да ги проголта сите наши сразмерно мали маки и искушенија.

Но зошто, браќа, да се радуваме на Христа? Затоа што Он ни ја откри и ни ја покажа вистината за најголемите и најубавите надежи и снови на човечкиот род; ни го откри единствениот Бог, живиот, семоќниот, семудриот и семилостивиот, и ни даде право да се нарекуваме Негови синови; ни го откри и ни го покажа вечниот и бесмртниот живот, животот што е многу подобар од овој живот на земјата; ни го откри духовното царство на ангелите и на праведниците, царството на секое добро, светлина на вистината и правдата; ни ја откри и ни ја покажа целта на нашето битисување овде на земјата и смислата на сите наши трудови и патења во овој привремен живот; ни го откри океанот на небесната радост, според кој, сите наши таги и искушенија се матни капки вода што не можат да го заматат тој океан.

О браќа, колкава радост нè чека! О браќа, колку мала цена бара од нас Господ да ја купиме таа радост во која се капат ангелите и во која праведниците пливаат! Само да исполниме неколку Негови кратки заповеди – тоа е целокупната цена!

О Господи Исусе, пречуден извору на радоста, гордост наша, славо и пофалбо наша, стави го Твојот прст на нашата уста и не допуштај матните капки на тагата и искушенијата да нè отрујат. На Тебе вечна слава и пофалба. Амин.

2 ЈУЛИ

1. Полагање ризата на пресвета Богородица во влахернската црква во Цариград. За време на царот Лав Велики (458–471), царицата Верина и патријархот Генадиј, по Светата земја патувале двајца цариградски племеници: Галвиј и Кандид заради поклонување на тамошните светии. Во Назарет отседнале во куќата на некоја девица Еврејка, која во тајна одаја ја чувала ризата на Пресвета Богородица. Многу болни и напатени добивале исцеление од своите маки со молитва и допир до таа риза. Галвиј и Кандид ја зеле таа светиња и ја пренесле во Цариград, известувајќи ги за тоа царот и патријархот. Тоа предизвикало голема радост во царскиот град. Ризата била свечено пренесена и положена во црквата во Влахерна. (Оваа црква била ѕоидана од царот Маркијан и Пулхерија на брегот на еден залив што се викал Влахернски, според името на некој скитски војвода Влахерна, кој бил овде убиен.) И за спомен на полагањето на ризата на Пресвета Богородица во црквата Влахернска е воспоставен овој празник.

2. Св. Јувеналиј, патријарх Ерусалимски. Современик бил на големите светила на православната црква: Ефтимиј, Теодосиј, Герасим, Симеон Столпник и др. Учествувал на два вселенски собора, на Третиот во Ефес и на Четвртиот во Халкидон, и со голема сила и ревност се борел против богохулните ереси, и тоа во Ефес против Несториј, кој Богородица ја нарекувал Христородица, и во Халкидон против Ефтихиј и Диоскор, кои учеле дека Христос имал само една природа, имено божествена, без човечката. По победата на православието, на овие два собора Јувеналиј се вратил на својот престол во Ерусалим. Но, ако ересите биле осудени, еретиците не биле истребени. Со измама и со присилба на некој Теодосиј, пријател на Диоскор, Јувеналиј бил протеран од престолот и Теодосиј самоиницијативно се назначил на неговото место. Еретикот Теодосиј, во прво време, го помагала и царицата Евдокија, вдовица на царот Теодосиј Помладиот, која се населила во Ерусалим. Колебливата и брзоплетата Евдокија најпосле отишла кај св. Симеон Столпник да го праша каде е вистината. Божјиот светител ги изобличил сите еретички учења и ја упатил царицата да го чува православното учење како што е утврдено на собо-

рите. Царицата го послушала, се покајала и самата се спротивставила на лажниот патријарх Теодосиј. Тогаш во Цариград владееле Маркијан и Пулхерија. И дошло писмо од царот до војводата Атанасиј да го протера Теодосиј, а Јувеналиј повторно да го врати на престолот, кое нешто војводата и го направил. Цели 38 години Јувеналиј управувал со Ерусалимската црква како нејзин патријарх и во длабока старост се претставил пред Господа, во 458 година, за да ја прими од Него наградата за многуте маки и неволји што ги претрпел за вистината. За време на св. Јувеналиј е утврдено празнувањето на Божик на 25 декември.

3. Св. Фотиј, митрополит Московски. По потекло Грк. Мудро управувал со руската црква цели 20 години. Се упокоил во 1430 година. Една недела пред смртта му се јавил ангел Божји и му објавил за точното време на заминување од овој свет.

РАСУДУВАЊЕ

Секоја направа со која луѓето се гордеат како со изум на својот разум, всушност, е објавена со Промислата Божја; и секоја пронајдена направа има две свои назначувања: едно физичко, а второ духовно. И часовникот е една прекрасна направа, но тој не е направен само да ни го покажува времето на денот и ноќта, туку и да нè потсетува на смртта. Тоа е неговото духовно назначување. Кога малите стрелки ќе ги поминат секундите и минутите, тогаш големата стрелка го достигнува наредниот час и часовникот отчукува. Така и часовникот на нашиот живот ќе отчука кога ќе се избројат деновите, месеците и годините од нашиот живот. Затоа св. Тихон Задонски го советува секој христијанин да размислува: 1) како одминува времето на нашиот живот непрестајно; 2) како не е можно да го вратиме минатото време; 3) како минатото и идното време не е во наша власт, туку само она што сега го преживуваме; 4) како крајот на нашиот живот е непознат; 5) како мораме да бидеме спремни за смртта секој ден, секој час и секоја минута; 6) како заради тоа мораме да бидеме во непрестајно покајание; 7) како мораме секој час да бидеме онака покаени и духовно расположени како што сакаме да бидеме на смртниот час.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за капината што гори на Хорив (II Мој. 3), и тоа:

1. како капината горела целата во пламен, но не согорувала;

2. како и Пречистата Дева, носејќи го во себе Богочовекот Господ, носела божествен оган, но не согорела од него;

3. како и мојата грешна душа ја подмладува, исцелува и осветлува огнот на божествената благодат.

БЕСЕДА
за испитување на нашата вера

Та вашата вера испитана да излезе поскапоцена од нетрајното злато, па било тоа да е испитано и преку оган, за пофалба и чест и слава кога ќе се појави Исус Христос (I Петр. 1, 7).

Нашата вера, браќа, почесто се испитува отколку што трската се ниша на ветровите. И испитувањата се како ветровите: слабата вера ќе ја искорнат, а силната уште повеќе ќе ја засилат. Уште, испитувањата се како оган во кој сламата изгорува, а златото се очистува.

Нашата вера се испитува со човечките умувања и вистини. Тоа се многу силни и лути ветрови. Но ние можеме да им се спротивставиме, ако се придржуваме кон речта Божја и ако наспроти тие умувања се истакнуваме со наука за верата Христова.

Уште, нашата вера се испитува со страв и срам: со страв од луѓето кои ја гонат верата, и срам од луѓето кои ја презираат верата. И тоа се силни ветрови на кои мораме да им одолееме, ако сакаме да останеме живи. Како да им одолееме? Со страв од Бога, Кој треба во нашата душа вечно да е поголем од стравот од луѓето; и срамот од апостолите и светителите и мачениците, кои не се посрамија од својата вера пред царевите и кнезовите и мудреците на овој свет.

Уште, верата наша се испитува со страдање и со беда. Тоа е оган во кој нашата вера или ќе изгори како слама

или ќе се прекали како усвитеното злато. На ова испитување ќе му одолееме, ако се потсетиме на Христа распнатиот на крстот заради нас и на толку илјади страдалници за верата, кои сѐ победија со трпение и излегоа од огнот како злато што низ вековите свети помеѓу ангелите и луѓето.

Уште нашата вера се испитува и со смртта, со смртта на нашите роднини и пријатели и воопшто со смртта на луѓето. Тоа е лут оган во кој многу ја изгореле својата вера. Дали смртта е крај на светот? Не е, верувај; таа е почеток на сѐ; почеток на новиот, вистинскиот живот. Верувај во Воскресението Христово, верувај во задгробниот живот и верувај во општото воскресение и Страшниот Суд.

О Благ Господи, утврди ја верата во нас и помилуј нѐ, на Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

3 ЈУЛИ

1. Св. мч. Јакинт. Младо момче, дворјанин на царот Трајан и таен христијанин. Еднаш, кога царот Трајан со своите дворјани свечено принесувал жртва на идолите, Јакинт изостанал од оваа нечиста свеченост. Затоа бил оптужен и пред царот на суд изведен. Царот го советувал да се одрече од Христа и да принесе жртви на идолите. Но Јакинт останал тврд како дијамант и му рекол на царот: „Јас сум христијанин и Го почитувам Христа. Нему му се поклонувам и Нему Му принесувам жива жртва – самиот себе“. Претепан, поплукан, исечен, овој свет маченик бил фрлен во темница. По царска наредба ништо не му давале за јадење, освен принесените жртви на идолите. Но Јакинт тоа не сакал да го јаде и по 8 дни умрел во затворот. Стражарите во затворот виделе два светли ангели во затворот: еден го покривал телото на маченикот со својата светла облека, а другиот полагал најубав венец на неговата глава. И целиот затвор бил осветлен и намирисан. Младиот Јакинт чесно пострадал и се овенчал со слава во 108 година.

2. Св. Анатолиј патријарх Цариградски. Прво бил презвитер во Александриската црква, но по смртта на патријархот Флавијан, бил востоличен на престолот на Цариградскиот патријарх во 449 година. Во негово време Цариградскиот престол бил признат како еднаков на Римскиот престол, и тоа на Вселенскиот собор во Халкидон во 451 го-

дина. Многу се борел за чистота на верата, многу страдал од еретиците, додека најпосле не бил убиен од нив во 458 година, за време на Лав Велики. Со Црквата управувал околу 9 години и се преселил помеѓу светите ерарси во царството Божјо.

3. Преп. Александар. Роден во Азија, образован во Цариград и по завршувањето на училиштето ѝ се оддал на военета служба и постанал офицер. Читајќи го ***Стариот завет***, дошол до Христовите зборови: „Ако сакаш да бидеш совршен, оди, продај го имотот свој и раздели го на сиромаси, и ќе имаш сокровиште на небото, па дојди врви по Мене“ (Мт. 19: 21). Овие зборови толку влијаеле на него, па веднаш продал сѐ што имал, го разделил и се оддалечил во пустината. По долги подвизи и трудови за очистување на самиот себе, го востановил манастирот „Неусипајушчих“ – („На оние кои што не спијат“) со посебен устав. Според тој устав, богослужението се вршело непрестајно дење и ноќе во неговиот манастир. Браќата биле поделени во 24 смени: секоја смена го знаела својот час во денот или ноќта и одела во црквата да го продолжи читањето и пеењето на претходната смена. Патувал многу без ништо и нигде во источните земји, ги просветувал луѓето со верата Христова, се препирал со еретиците, правел чуда со благодатта Божја, остарел служејќи Му на Господа Христа и најпосле го завршил својот земен живот во Цариград во 430 година, каде што неговите мошти пројавувале чудотворна моќ и слава, со која Бог ги прославува Своите свети слуги.

4. Преп. Исаија Отшелник. Се подвизувал во египетскиот скит во V и VI век. Се споменува во книгата на св. Варсонуфиј и Јован (одговор 249 и др.), како маж со особена светост. Пишувал многу поуки за монасите и за отшелниците. Но од неговите списи малку останало, а многу било уништено од муслиманите. Св. Исаија говорел: „Умот, пред да се разбуди од сонот, се наоѓал со демоните“. „Круната на сите добри дела се состои во тоа, човекот да ја положи сета своја надеж на Бога, да прибегнува кон Него единствено со сето срце и со сета сила да биде исполнет со милост кон сите и да плаче пред Бога молејќи се за помош и помилување“. Каков е знакот дека на некој човек му е опростен гревот? „Знакот дека гревот е опростен е тоа што тој грев не произведува повеќе никакви дејства во срцето твое и што ти си го заборавил до таа мера што во разговор за сличен таков грев ти не чувствуваш никаква наклоност кон тој грев како

кон нешто сосема туѓо на тебе. Тоа е знак дека си помилуван". Залудни се и молитвите и подвизите на човекот кој во себе крие злоба кон ближниот и желба за одмазда. „Труди се со сите сили, со усните да не зборуваш едно, а на срцето да имаш друго. Круна на добродетелите е љубовта, круна на страстите е оправдување на своите гревови".

РАСУДУВАЊЕ

Љубовта е семоќна. Таа, покрај останатото, може да ја олесни судбината на душите на умрените грешници. Православната црква го потврдува тоа решително и настојува за умрените да се извршуваат молитви и да се прави милостина. Пребогата во секое духовно искуство, Црквата знае дека молитвите и милостините за умрените им помагаат на оној свет. Света Атанасија игуменија (12 април) пред својата смрт побарала од своите сестри, во текот на 40 дена по нејзината смрт секој ден да поставуваат трпеза за сиромасите и бедните. Нејзината заповед сестрите ја исполнувале само десет дена, па потоа престанале. Тогаш светителката се јавила во придружба на два ангела и им рекла на сестрите: „Зошто ја погазивте мојата заповед? Знајте дека со милостината и молитвите на свештеникот за душите на умрените во текот на 40 дена Бог станува милостив. Ако душите на умрените се грешни, преку тоа тие добиваат од Господа опростување на гревовите, а ако се безгрешни, тогаш добротворството за нив служи за спасение на самите добротвори". Секако, овде се мисли на милостината и молитвата во врска со големата љубов кон душите на умрените. Таква милостина и молитва навистина помага.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното претворање на стапот во змија и на змијата повторно во стап (II Мој. 4), и тоа:

1. како Господ, кој ги создал змијата и стапот од прав, може со Својата сила, а заради повисоки цели, да претвора мртво во живо и живо во мртво;

2. како Господ може и мојата со грев исушена и умртвена душа, според мојата вера и молитва, да ја обрати во живот.

БЕСЕДА
за радоста од верата Христова

Кого Го сакате, иако не сте Го виделе, и во Кого верувајќи сега, а не гледајќи Го, се радувате со неискажана и прославена радост (I Петр. 1, 8).

Тоа се зборови на св. апостол Петар. Тој Го видел Господа и Го љубел. Тој Го гледал Господ и верувал во Него. Токму заради тоа тој ја фали љубовта на оние кои не Го виделе Господа, и верата на оние кои не Го виделе со своите очи. Самиот Господ рекол: „Блажени се оние кои не виделе, а поверувале“ (Јн. 20:29). Блажени се оние кои не Го виделе Господа, како што апостолот Го видел, но сепак го љубат со љубов апостолска. Блажени се оние кои не Го гледаат Господа, како што апостолот го гледал, но сепак веруваат во Него со апостолска вера!

О браќа мои, ако не Го видиме Господа, ние го гледаме Неговото дело што ја осветлило целата човечка историја открај накрај и ја просветлило секое создание под небесата со духовно значење. Ако не Го гледаме Господа, ние ја гледаме Неговата црква, света, соѕидана на Неговата пречиста крв, од многубројните светители и праведници и безбројните души крстени во Негово име низ векови и векови. Ако не Го гледаме Господа лице в лице, како што Го гледале апостолите, ние веруваме дека е Он помеѓу нас во телото и крвта со која ние, според Неговата заповед, се причестуваме и, причестувајќи се, се радуваме со неискажана радост.

Жив е Господ, браќа, и во близина е Господ! Тоа е нашата вера непоколеблива и тоа е искрата на огнот што ги разгорува нашите срца во пламен на љубовта кон Господа, жив и близок.

Да се знае дека Господ, нашиот Создател, од љубов кон нас слегол на земјата и се јавил како човек заради нас, и уште, да се знае дека Он бил убиен и дека се јавил како жив – какви поцврсти темели ѝ требаат на нашата вера и какво посилно оправдување ѝ треба на нашата љубов?

Жив е Господ, браќа, и во близина е Господ! И дури во овие наши дни. Он се јавува на многу праведни души, кои Нему Му служат со трпение.

О жив Господи, Ти беше мртов и оживеа – оживувај нè и нас со вера и љубов до последниот наш здив на земјата да би се удостоиле со вера и љубов да се видиме со Тебе лице в лице како Твоите свети апостоли. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

4 ЈУЛИ

1. Св. Андреј архиепископ Критски. Роден е во Дамаск од родители христијани. Од раѓањето, па до седмата година од животот бил нем. Кога родителите го одвеле во црквата и го причестиле, тој проговорил. Толкава е силата на Божјото причестување. Во 14. година отишол во Ерусалим и се пострижал во лаврата на св. Сава Освештен. Со разумот и со подвигот ги надминал многуте постари монаси и бил пример на многумина. Затоа патријархот го зел кај себе за писар. А кога почнала да се проширува монотелитската ерес (едноволната) – која учела дека Господ Исус Христос нема човечка волја, туку само божествена – се свикал во Цариград Шестиот вселенски собор во 681 година, во време на царувањето на царот Константин Брадестиот. Ерусалимскиот патријарх Теодор не можел да појде на соборот туку како свој полномошник го испратил овој Андреј, тогаш архиѓакон. На соборот Андреј ја покажал својата светла надареност, говорништво, ревноста кон верата и необичното разбирање. Откако помогнал да се зацврсти православната вера, Андреј се вратил во Ерусалим на својата должност. Подоцна бил избран и поставен за архиепископ на островот Крит. Како архијереј бил многу омилен кај народот. Бил голем ревнител за православието и крепко ги победувал сите ереси. Со своите молитви правел многу чуда. Со молитва ги изгонил Сарацените од островот Крит. Напишал многу поучни книги, песни и канони, од кои најпознат е *Големиот Канон на Богородица*, што се чита во четвртокот од петтата седмица на Великиот пост. Со својот надворешен изглед бил таков што „гледајќи му го лицето и слушајќи ги неговите медоточни зборови секој се насладувал и се поправал". Кога еднаш се враќал од Цариград, тој ја претскажал својата

смрт пред да стаса на Крит. Така и се случило. При пловењето со брод во близина на островот Митилен, го завршил својот земен живот овој светилник на црквата и со душата се преселил во царството Христово во 712 година.

2. Преп. Марта. Мајка на св. Симеон Дивногорец (види, 24 мај). Цела со душата посветена на верата таа не помислувала на брак. И кога родителите ја ветиле за некое момче, таа помислила да го остави родителскиот дом и да се оддалечи од светот. Но, ѝ се јавил св. Јован Претеча и ја посоветувал да постапи според волјата на родителите и да стапи во брак, што таа и го направила. Од тој брак се родил чудесниот светител Симеон, подвижник Дивногорски. Имала постојан обичај да станува на полноќ на молитва. Со големо милосрдие ги помагала и ги посетувала бедните и им служела на болните. Една година пред смртта видела многу ангели со свеќи во рацете и од нив го дознала времето на својата смрт. Дознавајќи го тоа, Марта уште поусрдно се предала на молитвата и на добрите дела. Мирно се упокоила во 551 година и била погребена покрај столбот на својот син Симеон Столпник. По смртта, се јавила повеќепати заради поука на луѓето и заради исцелување на некои болни. Како значајно е забележено нејзиното јавување на настојателот на Симеоновиот манастир. По погребението на св. Марта, игуменот поставил кандило на нејзиниот гроб со решеност тоа никако да не се гасне. Но, по извесно време, луѓето станале мрзеливи и кандилото се изгасило. Тогаш настојателот се разболел, му се јавила светителката и му рекла: „Зошто не го запалувате кандилото на мојот гроб? Знајте дека мене не ми е потребна светлината од вашите свеќи зашто се удостоив пред Бога за вечна небесна светлина; но тоа е потребно за вас. Зашто кога ќе ја запалите светлината на мојот гроб, тогаш ме потсетувате да се молам на Господа за вас". Од ова е јасно дека целта на нашето почитување на светителите е да ги побудиме, тие, како подостојни од нас, да Му се молат на Бога за нас и за нашето спасение.

РАСУДУВАЊЕ

Ако целиот твој живот поминал мирно и безгрижно, плачи над самиот себе. Зашто и ***Евангелието*** и искуството на народот едногласно потврдуваат дека никој без големи маки и жалост не го оставил големото и корисно дело на

земјата ниту, пак, се прославил на небесата. Ако, пак, твојот животен пат е сиот навлажнет со пот и солзи за достигнување на правдата и вистината, радувај се и весели се, зашто навистина голема е твојата награда на небесата. Не подавај се никогаш на луда помисла дека Бог те оставил. Бог знае точно кој колку може да поднесе, па според тоа и ги одмерува страдањата и маките на секого. „Кога и луѓето што знаат, вели св. Нил Сорски, колкава тежина може да понесе коњот, колкава магарето, а колкава камилата, и според тоа ги товараат според нивната сила; кога грнчарот знае колку време треба да ги чува грнците во огнот за да не испукаат, ниту да останат недопечени – како Бог да не знае колку искушенија на која душа да ѝ испрати за да ја направи подобна и способна за царството небесно".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за сите чуда што Господ ги направил со раката на Мојсеја и на Арона во земјата египетска (II Мој. 7–10), и тоа:

1. колку големи и страшни биле тие чуда;
2. Како срцето на фараонот останало тврдо пред сите тие Божји чуда;
3. како и моето срце е тврдо пред безбројните Божји чуда, во мојот живот и околу мене, и како треба да се покајам пред да ми дојде крајот и вечната казна.

БЕСЕДА
за спасение на душата како крај на верата

Примајќи го крајот на вашата вера – спасението на душите (I Петр. 1:9).

Што е крај на верата, браќа? Што е цел на верата? Спасение на душата. Што е плод на верата? Спасение на душата. Ние не ја чуваме верата заради вера, туку заради спасение на нашите души. Никој не патува заради патот, туку заради некој или заради нешто што го очекува на крајот на тој пат. Никој не го фрла јажето во водата во која некој се дави заради јажето, туку заради давеникот да го спаси. И ве-

рата нам Бог ни ја дал како пат, на чиј крај патниците ќе примат спасение на своите души. И како јаже Бог ни ја дал верата на нас давениците во мрачните води на гревот, незнаењето и порокот, и со помош на верата да го спасиме нашиот живот.

Тоа е намената на верата. Којшто знае колкава е цената на човечката душа, како и што значи спасение на душата, тој мора да признае дека ништо на овој свет нема ни попотребно ни покорисно од верата. Трговецот, кој во земјен сад носи скапоцени камења, грижливо и внимателно го чува садот, го крие и стражари над него. Дали заради садот трговецот вложува толкав труд и грижа? Не заради садот, туку заради скапоцените камења што се во садот. Целиот наш овоземен живот е како земјен сад во кој се крие едно неисплатливо богатство. Тоа богатство е нашата душа. Садот е евтин, но богатството е богатство. Треба да се има прво вера во скапоценоста на човечката душа; второ, во идниот сјај и животот на душата во царството Божјо; трето, во живиот Бог, кој чека да Му ги вратиме душите што ни ги дал Он, и четврто, во можноста душата да се загуби во овој свет. Кој има вера во четвртото, тој ќе знае да ја чува својата душа и уште ќе знае дека спасението на душата е негов крај на патот, цел на неговото верување, плод на неговиот живот, смисла на неговото битисување на земјата и оправдување на неговите страдања.

Ние веруваме заради спасение на нашите души. Кој има вистинска вера, тој мора да знае дека верата постои заради спасението на душите. Кој мисли дека неговата вера служи за нешто друго а не за спасение на неговата душа, тој ниту има вистинска вера, ниту ја познава скапоценоста на својата душа.

О преблаг Господи Исусе, Ти си ни дал светла и победоносна вера, зацврсти ја и одржувај ја во нас за да застанеме непосрамени пред Твојот Суд со чисти и светли души. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

5 ЈУЛИ

1. Преп. Атанасиј Атонски. Роден е во Трапезант од плашливи од Бога родители. Рано останал сираче, но по Божја промисла, некој војвода го зел, го довел во Цариград

и го дал таму на наука. Заради својата кроткост и смиреност, бил сакан од сите свои врсници. При детските игри, децата избирале свој цар, свој војвода, а Атанасија за свој игумен. Како некое претскажување. Откако го завршил училиштето, Атанасиј (до потстрижувањето Аврамиј) се оддалечил во Малеинската пустина, во близина на Света Гора, каде што се подвизувал кај тогаш познатиот Михаил Малеин. Сакајќи уште потежок подвиг, се преселил во Св. Гора на безмолвие. Но околу него почнале да се собираат многу љубители на подвижничкиот живот, та бил присилен да ја изгради својата позната лавра. Во тоа обилно му помагале византиските цареви, прво Никифор Фока, кој и самиот имал намера да се повлече и да се замонаши, а потоа и Јован Цимисхиј. Многубројни искушенија го напаѓале Атанасија и од демоните и од луѓето, но тој, како храбар Христов војник, сите ги победувал со својата безмерна кроткост и со непрестајната молитва кон живиот Бог. Исполнет со благодат Божја тој се удостоил да ја види Пресвета Богородица, која на чуден начин извадила вода од карпата и му ветила дека засекогаш ќе му биде икономиса (игуменија) на манастирот. Атанасиј и во работата и во молитвите им предничел на своите собраќа и сите ги сакал со љубов на духовен отец и пастир. Смртта му дошла ненадејно. Еднаш тој се искачил со шест други монаси на една новосоѕидана припрата од црквата да го прегледа ѕидот што тогаш го ѕидале, но ѕидот се разурнал и сите ги затрупал. Така завршил овој голем светилник на монаштвото во 980 год. По смртта, тој повеќепати им се јавувал на своите собраќа, било да ги теши или да ги покара.

2. Преп. мч. Кипријан Нов. Роден во селото Клицос во Епир. По смртта на своите добри родители, Кипријан отишол во Св. Гора. Таму се замонашил и се предал на подвиг во една келија во близина на Котломашкиот манастир. Си наложувал себе си работа по работа, подвиг по подвиг додека не постанал познат и почитуван во Св. Гора. Но тој не бил задоволен со себе. Го мачела мислата дека не може да се спаси поинаку, освен со мачеништво за Христа. Ја оставил Св. Гора, дошол во Солун, излегол пред солунскиот паша и го повикал да ја отфрли лажната мухамеданска вера и да ја прими вистинската вера Христова. Пашата наредил да го претепаат и да го истераат надвор. Незадоволен со толку мало страдање за Христос, Кипријан отишол во Цариград, му напишал едно големо писмо на великиот везир во

кое ја изложил лажноста на Мухамед и ја нагласил вистинитоста на Христа Господа. Разлутениот везир го испратил кај шеикот–ул на исламот, и тој, откако чул сѐ што Кипријан сакал да му каже, наредил да му ја отсечат главата. Кипријан прекумерно се израдувал и тргнал кон губилиштето како на свадба. Така, тој Божји човек пострадал за Христа на 5 јули 1679 година и ја остварил својата животна желба.

3. Преп. Лампад. Засакувајќи Го Христа уште од детството со топла љубов, Лампад се оддалечил во пустината во близина на Иринопол, каде што се предал на подвиг. Откако ги совладал сите страсти и телесни желби, неговата душа била осветлена со небесна светлина и со неискажан мир, не од овој свет. Бил чудотворец и во животот и по смртта. Најверојатно се подвизувал во X век.

РАСУДУВАЊЕ

Како Мојсеј со удар на стапот извадил вода од каменот? Како Бог пуштил мана од небото и го нахранил израилскиот народ во пустината? Така се прашуваат оние кои имаат малку поим за моќта на Семоќниот Бог. И уште се чудат зашто се случуваат такви чуда, та целиот народ да поверува во Бога. Но, Израелците со очите виделе безброј чуда Божји, а сепак не поверувале. Меѓутоа, Бог ги повторува старите големи чуда било каде да е и каде што е потребно. Кога еднаш настанал глад во лаврата на Атанасиј, братството се распрснало на повеќе страни. Замислен и Атанасиј тргнал на друго место. „Каде одиш?“ – го прашала една жена на патот. „Која си ти?“ – ја прашал Атанасиј кога видел жена на Св. Гора, каде што пристапот на жени не е дозволен. „Јас сум таа на која ти ја посвети својата обител, јас сум Мајката на твојот Господ“. „Се плашам да ти поверувам“ – рекол Атанасиј, „зашто и демонот може да се претвори во светол ангел. Со што ќе ме увериш во вистината на твоите зборови?“ Тогаш Богородица му рекла: „Замавни со својот стап по овој камен и ќе познаеш која сум јас што разговарам со тебе. Само знај, дека засекогаш ќе останам икономиса на твојата лавра“. Атанасиј удрил со стапот по карпата; тогаш карпата затрештила и се распрснала како при гром и извор на вода потекол од распрснатата карпа. Исплашениот Атанасиј се свртел да ѝ се поклони на Светата Пречиста, но таа веќе исчезнала. Тој се вратил во својата лавра и на уште по-

големо свое чудење ги нашол сите амбари преполни со жито. Ете повторени големи чуда со кои се потврдуваат старите чуда и со кои верните се поткрепуваат во верата.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудниот премин на Израилскиот народ преку Црвеното Море (II Мој. 14), и тоа:

1. како Мојсеј замавнал со стапот, според заповедта Божја, и се расцепило морето и народот Божји поминал по сувото морско дно;

2. како Египќаните тргнале по истиот пат по Израилскиот народ, но Мојсеј замавнал со стапот и морето се затворило;

3. како тоа ме учи дека сè за Бога е можно што ќе посака и дека Он го спасува верниот слуга од најголемите опасности, а неверниот го казнува.

БЕСЕДА

за трезвеноста на умот

Поради тоа, возљубени, притегнувајќи ги бедрата на умот свој, бидејќи бодри.. (I Петр. 1,13).

Умот, браќа, е водач и советник на душата. Бог на животните им дал само душа, затоа не им дал слобода, туку Он ги раководи со Својот ум. На човекот Бог му дал душа и ум, и со умот – слобода. Умот и слободата се неразделни. Оттука се празни приказните на некои филозофи за тоа како човекот, навистина, има ум, но нема слобода. Зашто е јасно од секојдневно искуство, дека слободата е нераздвоен придружник на умот. Но, како човекот што нема совршен ум, така тој нема ни совршена слобода, туку сепак стои под надгледување и Божјо раководење. Единствено Бог има совршен ум и совршена слобода; а ние сме пак, само образ и подобие на умот и слободата Божја. Ние имаме доволно ум да можеме да ја познаеме волјата Божја, и доволно слобода, да можеме да решиме да ја извршуваме волјата Божја. Кога умот ќе ја изгуби раководната моќ над душата, тогаш во неа

настанува многуначалство, кое значи забуна, хаос и пропаст.

Што значат апостолските зборови: „Притегнувајќи ги бедрата на умот, бидете бодри?“ Тие значат: да не му се дава на својот ум да фантазира, туку да се насочи да размислува за законот Божји. Уште значат: да не му дозволуваме на својот ум да ја злоупотребува дадената слобода од Бога, та душата да потпадне под ропство на телото, на светот и на ѓаволот, туку да го приковеме за Христа како за крст, а душата да воскресне во Христа. И уште значат: да го оградиме својот ум од сите самоволни мечтаења со кои тој се опива и паѓа под ропство на ѓаволот и да го држиме препашан во тежината на своето срце каде што со молитва би се трезнел и со плачење би се чистел. Со еден збор, тоа значи: да се вежба умот да не ја злоупотребува својата слобода со хулење на живиот и милостив Бог и да ја умртвува душата со страсти.

О Господи Исусе, Уме Божји и Премудрост Божја, помогни ни да го запрегнеме умот свој да го умува само тоа што е од Тебе и тоа што е Твое, та така трезвено да ја води душата кон спасение. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

6 ЈУЛИ

1. Преп. Сисое Велики. Египќанец по род и ученик на св. Антониј. По смртта на својот голем учител, св. Сисое се населил во пустинската гора, викана Антониева, на која порано и Антониј се подвизувал. Со тешки маки над самиот себе толку многу се смирил што бил кроток и незлоблив како јагне. Затоа Бог му дал голема благодат да изгонува нечисти духови и мртви да воскреснува. Шеесет години св. Сисое се подвизувал во пустината и бил како извор на жива мудрост за сите монаси и мирјани кои доаѓале кај него за советување. Пред смртта, лицето му засветило како сонце. Монасите стоеле околу него и се чуделе на таа појава. А кога светителот ја испуштил својата душа, целата одаја се исполнила со чуден благопријатен мирис. Се упокоил во длабока старост, во 429 година. Св. Сисое ги учел монасите: „Какво и да било искушение да му се случи на човекот, тој треба да се предаде на волјата Божја и да признае дека искушението се појавило заради неговите гревови. Ако, пак, нешто добро се случи, треба де се кажува дека тоа се случило

според Божјата промисла“. Еден монах го прашал Сисоја: „Како ќе му угодам на Бога и како ќе се спасам?“ Светителот му одговорил: „Ако сакаш да Му угодиш на Бога, отстапи од светот, оддели се од земјата, остави го материјалното, пристапи кон Творецот, соедини се со Бога со молитва и плач и ќе најдеш мир на овој и на оној век“. Монахот го прашал Сисоја: „Како да се постигне смиреност“. Светителот одговорил: „Кога некој ќе се извежба да го признае секој човек како подобар од себе, со тоа спечалува смиреност“. Амон му се пожалил на Сисоја како не може да ги запомни прочитаните мудри изреки за да може да ги повтори во разговор со луѓето. Светителот му одговорил: „Тоа не е потребно. Потребно е да се спечали чистота на умот и да се зборува од таа чистота надевајќи се на Бога“.

2. Св. мч. Марин и Марта, со синовите **Авдифакс и Авакум, свештеникот Валентин, Кирин, Астериј и многу други.** Сите пострадале за време на царот Клаудиј Флавиј во Рим, во 269 година. Марин и Марта биле богати луѓе од Персија. Го продале сиот свој имот во Персија и со своите синови дошле во Рим да се поклонат на моштите на светите апостоли и останатите свети маченици. Кога царот ги прашал зошто дошле од толкава далечина, оставајќи ги своите домашни богови да ги бараат во Рим мртвите луѓе, тие одговориле: „Ние сме слуги Христови и дојдовме да се поклониме на светите апостоли чии бесмртни души живеат со Бога, та тие да бидат наши молитвеници пред Христа, нашиот Бог“. Кирин бил фрлен во Тибар, оттаму неговото тело го извлекле Марин и Марта и чесно го погребале. Свештеникот Валентин бил предаден на некој војвода Астериј да го посоветува да се одрече од Христа. Но, Валентин со молитва ја излекувал ќерката на Астериј, која била две години слепа и потоа го крстил Астериј и целиот негов дом. Сите тие на разни начини примиле маки и смрт за Христа Господа, Кој ги примил во бесмртното царство свое вечно да се радуваат.

3. Обретение на моштите на св. Јулијанија, девојка. Ќерка на кнезот Олшански, Јулијанија, умрела околу 1540 година како девица на 16 години. Двесте години по нејзината смрт, копачите на нов гроб покрај големата црква во Киевската лавра наишле на моштите на оваа света девица, потполно цели и нетлени, како штотуку да заспала. Од моштите се случиле многу чуда, а и самата Јулијанија се ја-

вила повеќепати на поедини лица. Едно такво видување имал и познатиот Петар Могила.

4. Св. мч-чка Лукија. Во Кампанија ја заробил варварскиот цар Авциј. Сакал со неа да живее, но таа се спротивставила. Царот ја оставил на мира да се подвизува. Таа го обратила и царот во верата откако преку нејзината молитва тој победил во војната. Најпосле, заедно со царот пострадала за Христа во Рим околу 300 година.

РАСУДУВАЊЕ

Од каде ние знаеме дека после смртта има живот? Знаеме од Христа Господа, врз основа на Неговите зборови, Неговото воскресение и многуте Негови јавувања по смртта. Философите кои го признаваат животот после смртта, го признаваат врз основа на своето умување, а ние го признаваме врз основа на искуството, нарочно искуството на светите луѓе кои не умееле ниту можеле да објавуваат невистини. Кога св. Сисое лежел во постелата пред смртта, лицето му било многу светло. Околу него стоеле монасите, неговите ученици. Тогаш се загледал св. Сисое и рекол: „Еве, дојде ава Антониј". Помолчел малку, па рекол: „Еве, дојдоа и пророците!". За тоа време неговото лице уште повеќе засветило и тој рекол: „Еве, и апостолите дојдоа!" Потоа рекол: „Еве, дојдоа ангелите да ја земат мојата душа!" Најпосле, лицето му засветило како сонце и сите многу се исплашиле, а старецот рекол: „Еве, Господ доаѓа, погледнете сите. Еве, Он вели принесете ми го избраниот сад од пустината!" По тоа, светителот го предал својот дух. И колку слични виденија имало! И тоа од најпотврдени сведоци.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното паѓање на маната од небото за исхрана на народот во пустината (II Мој. 16), и тоа:

1. како Господ 40 години им давал на Израилците во пустината мана од небото, некоја небесна храна, слатка како мед;

2. како таа мана го претскажуваше Господа Исуса Христа, лебот животен, слегувајќи од небото со Себе ду-

ховно да ги нахрани гладните луѓе во пустината на незнабоштвото;

3. како и мојата гладна душа ништо не може да ја насити, освен животот на Христа Господа, кој е посладок од медот.

БЕСЕДА
за страшната цена на искупување

Знаејќи дека со пропадливо сребро и злато не сте искупени... туку со скапоцената крв на непорочното и чисто Јагне – Христос (I Петр. 1:18–19).

Дали, браќа, некој некогаш можел со сребро и злато да купи лек против гревот? Никогаш, никој.

Дали, браќа, некој некогаш можел од сребро и злато да искове оружје против ѓаволот? Никогаш, никој.

Дали, браќа, некој некогаш можел да ја искупи смртта со сребро и злато? Никогаш, никој.

Потребно било нешто далеку поскапо од среброто и златото за да биде лек, оружје и откуп. Потребна била скапоцената крв на Синот Божји да се прилепи на гревовните рани за да се исцелат. Потребна била скапоцената крв на Синот Божји да се устреми против лошите духови, со силата своја да ги изгори и да ги изгони од луѓето. Потребно било скапоцената крв на Синот Божји да ги натопи земните гробови, смртта да се умртви и мртвите да оживеат.

Непорочното и чисто Јагне Божјо било заклано за нас да нè извлече од вилицата на ѕверот. Тажен, но животворен пир. Тој скапоцен пир Бог го приредил да им ја објави на луѓето слободата. И гревот, и ѓаволот, и смртта со сета сила го нападнале непорочното и пречисто Јагне Божјо. И го умртвиле, но од Неговата крв се отруле. Таа крв била пролиена да им биде отров за нив, а за луѓето живот и спасение.

О браќа мои, ако не знаете колку е зајадлив гревот, и колку е изопачен ѓаволот, и колку е лута смртта, ценете го тоа според величината на откупот со кој сме откупени од нивното ропство. Скапоцената крв Христова – тоа е нашиот откуп од ропството! Сетете се, браќа, ако пак доброволно

според лекомисленоста и злобата се предадеме на тоа страшно тројно ропство, нема никој повеќе на небото ни на земјата кој би можел да даде откуп за нас. Зашто, еден е скапоцениот откуп што е даден еднаш засекогаш.

О милосрден Господи, поткрепи нѐ да се одржиме во слободата што Ти ни ја дарува. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

7 ЈУЛИ

1. Св. вмч-чка Недела. Во времето на христоборните цареви Диоклецијан и неговиот зет Максимијан во Анадолија живееле две побожни стари души, Доротеј и Евсевија. Тие биле побожни христијани, биле богати, но и бездетни. Со непрестајна молитва тие испросиле од Бога едно чедо, оваа света Недела. Од детството, Недела се посветила на Бога, воздржувајќи се од сѐ што разгалените деца го прават. Кога пораснала, лична по тело и душа, дошле многумина да ја бараат за сопруга, но таа сите ги одбила, велејќи дека себе си се ветила на Христа Господа и дека ништо не сака, освен да умре како девојка. Еден од тие што ја побарал ја накажал и неа и нејзините родители на царот Диоклецијан дека се христијани. Царот наредил да ги мачат нејзините родители и по мачењето ги протерал во градот Мелитин каде што во маки за Христа се упокоиле. Диоклецијан ја испратил св. Недела на суд кај Максимијан. Откако Недела ја потврдила својата вера во Христа и пред Максимијан, тој наредил да ја положат на земја и да ја тепаат со воловски жили. Потоа, царот ја предал на војводите, прво на Иларион, а по неговата смрт на Аполониј. Овие ѕверски ја мачеле на сите можни начини, но сѐ било залудно. Кога света Недела, сета во рани лежела во затворот, ѝ се јавил Христос Господ, ја исцелил и ѝ рекол: „Не плаши се Недело, маката и мојата благодат се со тебе.“ И навистина, благодатта Христова ја спаси оваа маченичка и од оган и од ѕверови, каде безбожните судии мислеле дека таа ќе ја најде сигурната смрт. Многу незнабожци откако го виделе чудното спасение на Недела од смртта, поверувале во Христа. Но, сите биле заклани. Св. Недела му рекла на Аполониј: „На никој начин не можеш да ме одвратиш од мојата вера. Ако ме фрлиш во оган, го имам примерот на трите момчиња; ако ме фрлиш пред ѕверовите,

го имам примерот на Данило; ако ме фрлиш во морето, го имам примерот на пророкот Јона, а ако ме предадеш на меч, ќе се потсетам на Чесниот Претеча. За мене животот е да умрам за Христа". Тогаш Аполониј наредил со меч да ја исечат. Недела клекнала на колена, ги воздигнала своите раце кон небото и се помолила на Бога, Бог да ги помилува, и да ги спаси сите оние кои ќе го слават нејзиниот спомен и да ја успокои нејзината душа заедно со душите на нејзините родители. Кога ја завршила ја молитвата, таа ја предала својата душа на Бога пред да се спушти мечот врз нејзината глава. Чесно пострадала и се преселила во вечна радост во 289 година, во Никомидија.

2. Преп. Тома Малеин. Овој Тома прво бил војвода, прославен со храброст и богатство. По тело бил многу крупен и претставувал страв за своите непријатели. Но кога Го засакал Христа повеќе од светот и сѐ што е во светот, тој оставил сѐ и се повлекол во пустината каде што се замонашил и се предал на подвигот. Св. пророк Илија му се јавил и го одвел на горатa Малеа, до Св. Гора. Тука тој живеел во самотија, само со Бога, во денонокна молитва. Иако тој се криел од светот, не можел да се скрие. Луѓето откако дознале за неговиот свет живот, почнале да доаѓаат кај него да ги доведуваат своите болни. И св. Тома ги лекувал луѓето од разни болести и од секаква неволја. А кога се упокоил во Господа (во X век) неговите мошти продолжиле да им помагаат на сите кои со вера им се поклонувале.

3. Преп. мач. Епиктет и Астион. Астион, единец на родителите, го привел кон верата Христова свештеникот Епиктет, го крстил и го замонашил. Потоа се преселиле некаде од источните краишта во скитските предели и се населиле во скитскиот град Алмирид (сега Рамзин) каде што Дунав се влева во Црно Море. Мачени и погубени за верата Христова околу 290 година. И двајцата, по смртта, се јавиле во голема светлина на родителите на Астион, Александра и Маркелин, кои се обратиле кон Христа и биле крстени од епископот Евангел, кој и самиот бил исечен за Христа, „Евангел, втор ангел", како што му е пеено.

РАСУДУВАЊЕ

Примерот на св. Недела, прекрасната девојка, и примерот на св. Астион, богатото момче, кои и двајцата се дале

себеси на маки и смрт за Христа Господа, нѐ наведуваат на размислување дека ништо во историјата не може да се спореди со силата Христова, со чија помош младите луѓе се победуваат себе си, и преку тоа и останатото. Да се извојува победа над самиот себе си е најголема победа. Такви победници црквата избројува илјади и многу илјади. Св. Кипријан, пишувајќи за девството, вели: „Да се победи уживањето, тоа е најголемо уживање, ниту има поголема победа од победата над своите желби. Оној кој победил еден непријател, се покажал посилен од некој друг, но оној кој го победил искушението, се покажал појак од самиот себе. Полесно е секое зло да се победи отколку уживањето зашто сите други зла се одбојни, додека уживањето е привлечно зло. Оној што ќе се ослободи од желбите, се ослободува и од стравот затоа што заради желбите доаѓа и стравот“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното изведување на вода од карпата на Хорив (II Мој. 17), и тоа:

1. како жедните Израилци се посомневале дека Бог е помеѓу нив и се побуниле против Мојсеја;
2. како според Божјата наредба Мојсеј удрил со стапот во карпата и од неа потекло вода;
3. како и моето срце се скаменува од сомнеж, и како од него потекуваат потоци солзи кога ќе го допре благодатта на верата.

БЕСЕДА
за словесното млеко

Бидеѿе желни за висѿинско и разумно млеко, ѿа во неѓо да ѿораснеѿе за сѿасение. Бидејќи вкусивѿе дека е Госѿод блаѓ (I Петр. 2; 2–3).

Апостолот христијаните ги смета како новородени деца. Крштавањето е ново раѓање и од крштавањето на човекот му се брои нов живот. А духовните новороденчиња треба да се хранат со блага храна иста како новородените по

тело. Каква храна апостолот им препорачува на христијаните? Разумно и вистинско млеко. Телесниот младенец се храни со неразумно млеко, кое е само слика на вистинското млеко, млеко разумно, со кое треба да се храни духовниот младенец. Па кое е тоа разумно и вистинско млеко со кое христијанинот треба да се храни? Самиот апостол на тоа одговара кога вели: „Бидејќи вкусивте дека е Господ благ“. Значи, тоа е самиот Господ Исус, живиот и животворниот. Христовите зборови се разумно и вистинско млеко. Блазе вам, браќа, ако својата душа ја храните со зборовите Христови како со благо млеко, бидејќи душата ќе ви се рашири и ќе ви се облагороди и ќе биде спремна за царството Божјо.

Христовите чуда се разумно и вистинско млеко. Блазе вам, браќа, ако својата душа ја храните со тоа благо млеко, бидејќи ќе бидете слични на ангелите кои денонокно ги опеваат чудата Божји.

Христовото тело и крвта се разумно и вистинско млеко. Блазе вам, браќа, ако ја храните својата душа со тоа благо млеко, бидејќи ќе бидете зачленети во живото и бесмртно тело Христово на небесата.

Христовата воскресна победа над смртта е разумно и вистинско млеко. Блазе вам, браќа, ако ја храните својата душа со тоа благо млеко, бидејќи уште во овој живот ќе чекорите како победници, а во оној ќе стоите од десната страна на Христа Победителот.

Целиот Христос е, браќа, разумно и вистинско млеко. Да го посакаме тоа млеко пред секое друго за да пораснеме за спасение. Тоа е единствената храна за спасение; сè друго е за гнилеж и за гроб.

О Господи Исусе Христе, Јагне Божјо, кој целиот си разумно и вистинско млеко, нахрани нè со Себе како што си ги нахранил Твоите свети апостоли за и ние да пораснеме доволно за спасение. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

8 ЈУЛИ

1. Св. вмч. Прокопиј. Роден е во Ерусалим од татко христијанин и ненабожна мајка. Прво се викал Неаниј. По смртта на таткото, мајката го воспитала синот потполно во духот на римското идолопоклонство. Кога пораснал Неаниј, еднаш го видел царот Диоклецијан и толку многу го засакал

што го зел во својот дворец за војничка служба. Кога овој зол цар почнал да ги прогонува христијаните, тој го одредил Неаниј со еден одред војници да оди во Александрија и таму да ги сотре христијаните. Но, на тој пат, на Неаниј му се случило нешто слично како некогаш на Савле. Во третиот час од ноќта, се случил силен земјотрес, му се јавил Господ и се слушнал глас: „Неание, каде одиш и против кого стануваш?“ Во голем страв Неаниј прашал: „Кој си ти, Господи? Не можам да те познам?“ Тогаш во воздухот се покажал пресветол крст како од кристал, а оттаму дошол глас: „Јас сум Исус, распнатиот Син Божји“. И уште му рекол Господ: „Со овој знак што го виде победувај ги своите непријатели и мирот мој ќе биде со тебе“. Тоа доживување потполно го изменило и го променило животот на војводата Неаниј. Тој наредил да се направи таков крст каков што видел, и наместо да тргне против христијаните, тој со војската тргнал против Агарјаните кои напаѓале на Ерусалим. Како победител тој влегол во Ерусалим и ѝ објавил на својата мајка дека е христијанин. Изведен пред судијата, тој го симнал војводскиот појас и мечот и ги фрлил пред судијата, покажувајќи со тоа дека тој е војник само на Христа Царот. По големите маки, го фрлиле во затвор, каде што повторно му се јавил Господ Христос, кој го крстил и му дал име Прокопиј. Еден ден, на затворскиот прозорец му дошле 12 жени и му рекле: „И ние сме Христови слугинки“. Осудени за тоа, и тие биле фрлени во истиот затвор каде што св. Прокопиј ги поучувал во верата Христова и посебно на тоа како ќе го добијат маченичкиот венец. Затоа во чинот на венчавањето се споменува св. Прокопиј, покрај боговенчаните цареви Константин и Елена. Потоа тие 12 жени биле страшно мачени. Гледајќи ги нивните маки и храброста, и мајката на Прокопиј поверувала и сите 13 биле погубени. Кога св. Прокопиј бил изведен на губилиштето, тој ги подигнал рацете кон исток и се помолил на Бога за сите бедни, неволни, сиромаси и вдовици, а посебно за светата Црква да израсне и да се распространи и православието да свети до крајот на времињата. И од небото му било јавено дека неговата молитва е услишена, по што тој радосно ја ставил својата глава под мечот и пошол кон својот Господ во вечна радост. Чесно пострадал св. Прокопиј во Кесарија Палестинска и се овенчал со венец на бесмртната слава на 8 јули 303 година.

2. Св. Прокопиј Јуродив. Устјужски чудотворец, упокоен во 1303. По потекло Варјаг и по занимање трговец.

Доаѓајќи во Новгород по трговска работа, тој се воодушевил од убавината на православието и ја примил православната вера. Посакал да биде совршен христијанин, па целиот свој имот го разделил на сиромаси и почнал да се вежба во сите останати добродетели. Се правел безумен за луѓето да не го фалат, но ги претчувствувал судбината и природните случки што потоа навистина се случиле. Со својата молитва во солзи пред иконата на Богородица ја одвратил ужасната тепачка од градот Устјуг и така го привел грешниот град кон покајание. Телото му било најдено мртво на улица и со снег покриено. Над неговите чудотворни мошти е изграден храм.

3. Преп. Теофил Мироточив. Родом од Македонија, од селото Зики. Многу учен човек и голем подвижник. По наредба на Цариградскиот патријарх Нифонт, патувал во Александрија да испита дали навистина патријархот Јоаким поместил планина и испил отров без никаква повреда, натеран на тоа од Евреите и од муслиманите. Уверувајќи се во вистината на тие чуда, Теофил се вратил во Св. Гора. Таму се подвизувал, прво во Ватопед, па во Ивер и најпосле во келијата на св. Василиј во близина на Кареја. Овој човек ја одбил понудата да постане солунски архиепископ. Со длабоко безмолвие, богомислие и со срдечна молитва успеал да го очисти својот ум од сите страсни помисли, така што постанал чист сад на Светиот Дух во којшто живеел Христос. Пред смртта, му наредил на својот ученик Исак кога ќе умре да не го погребува, туку да го врзе со јаже за нозете, да го одвлече и да го фрли во потокот. Ученикот со голем страв така и направил. Но Божјата промисла ги открила моштите на св. Теофил и кога ги пренесле во неговата келија, од нив почнало да тече чудотворно миро. Се упокоил на 8 јули 1548 година.

РАСУДУВАЊЕ

Св. Антониј учи: „Стравувај да не постанеш познат заради било кое твое дело. Ако почнат да те фалат заради твоите дела, не радувај се на тоа и не насладувај се со тоа: чувај ги во тајност колку што можеш и не дозволувај никому да зборува за нив". Колку што повеќе би имало мир и радост помеѓу луѓето на земјата кога само еден дел од луѓето ќе ги примаат присрце овие свети зборови! Св. Теофил, иако живеел повлечено на Св. Гора како прост монах, бил поз-

нат во сите источни патријаршии, како заради својата ученост, така и заради добродетелниот подвижнички живот. Еднаш се случило цариградскиот патријарх Теолипт да го посети Солун. Во тоа време архиепископскиот трон бил упразнет. Солунските христијани едногласно го замолиле патријархот да им го постави Теофил за архиепископ. Патријархот, сонародник и пријател на Теофил, му напишал своерачно писмо, со кое го повикал да го прифати архиепископскиот трон. Смирениот Теофил, плашејќи се од човечката слава, а не можејќи никако да му откаже на патријархот, веднаш примил голема схима, и за тоа го известил патријархот, велејќи: „Ако даде Бог, ќе се видиме во царството небесно". Така духовните великани се плашеле од суетата и овоземната слава.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното претворување на горчливата вода во слатка (2 Мој. 15), и тоа:

1. како жедните Израилци наишле во Мера на горчлива вода и не можеле да ја пијат, та народот почнал да се буни против Мојсеја;
2. како Бог му наредил на Мојсеја, та ставил дрво во водата и таа постанала слатка;
3. како тоа дрво го претставува Крстот Христов со кој горчината на нашиот живот се претвора во сладост;
4. како целото мое битие е горчлива вода додека не го внесам во себе Христа распнатиот.

БЕСЕДА
за живиот камен

Кога пристапувате кон Него, живиот камен... и вие сами, како живи камења, и изградувате од себе духовен дом и свештенство свето... (I Петр. 2: 4–5).

Што означува каменот, браќа, ако не постојаност? На што нè учи каменот, браќа, ако не на постојаност? Живиот, пак, камен означува бесмртност. Со жив камен апостолот го именува Христа Господа затоа што тој е бесмртник и дари-

тел на бесмртноста. Со живи камења апостолот ги именува и христијаните како причесници на бесмртноста Христова.

Како мислат неверниците, браќа, што се случува со човекот на крајот на краиштата? Тие мислат дека со човекот се случува исто што и со каменот: човекот умира, постанува нечувствителен и се претвора во прашина. А каменот веќе е мртов, нечувствителен и под разни околности се претвора во прашина. И така, и неверните и верните човекот го споредуваат со камен, неверните – заради смртноста и нечувствителноста на каменот, а верните – заради трајноста и постојаноста на каменот. За првите, каменот е симбол на смртта, а за вторите – симбол на бесмртноста.

Навистина, без Христа луѓето биле, и секогаш се, како мртви камења. Но Христос е како жив камен: допрете се до него и вие ќе бидете како живи камења. Ѕидарот, кога гради куќа, го избира само тој камен што е делкан и подготвен да се прилепи кон другиот камен во ѕидот; неизделканиот, неприготвениот и кршливиот камен се отфрла. Ѕидајќи го домот или храмот на Своето бесмртно царство, Христос ги одбира луѓето како ѕидарот камењата, со една особина, всушност – живи, духовно живи. Духовно мртвите луѓе Господ ги отфрла како гнила граѓа, а ги прима само оние кои живи личат на Него, и кои добро прилегнуваат кон другите живи камења, а тоа се ангелите, пророците, апостолите и светителите воопшто. Да се потрудиме, браќа, да бидеме свештена градежен материјал за свештениот дом на царството Христово кое Тој деноноќно го ѕида, та до завршетокот на времето потполно да го заврши.

О Господи Исусе Христе, строителу на небесното царство, оживи нè со Твојот Свет Дух, и вѕидај нè и нас како живи камења во домот на Твојата вечна слава. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

9 ЈУЛИ

1. Св. свешт-мч. Панкратиј, епископ Тавроменински. Овој светител бил роден во Антиохија во времето кога Господ Исус Христос одел како човек меѓу луѓето на земјата. Откако слушнале за Христовите чуда, родителите на Панкратиј посакале да го видат Христа чудотворецот. И заедно со Панкратиј дошле во Ерусалим, каде што Го виделе

Исуса, ги слушнале Неговите зборови и ги виделе Неговите чуда. Овде Панкратиј се запознал со апостолот Петар. По вознесението на Господа, и родителите и синот се крстиле во Антиохија. Панкратиј се повлекол во некоја пештера во Понт, каде што апостол Петар го нашол, па во договор со апостолот Павле го поставил за епископ Тавромениски во Сицилија. Во тој град св. Панкратиј направил големи чуда, ги разорил идолите, ги крстил некрстените и ги утврдил крстените и добро управувал со Црквата Божја. Некој незнабожечки војвода Аквилин, откако слушнал дека целиот град Тавромен постанал христијански, тргнал со војската да го разурне. Свети Панкратиј ги охрабрил верниците да не се исплашат и самиот тој со клирот излегол надвор од градот, носејќи го непобедливото оружје, чесниот крст. Кога војската се приближила до градот, над нив паднал некаков мрак и голем страв ги обзел. И настанала голема збрка така што напаѓачите се нафрлиле еден на друг и се истепале едни со други со мечовите. Така Божјиот угодник Панкратиј го спасил градот и своето стадо со својата силна молитва пред Господа. Најпосле и тој бил убиен со камења од некои завидливи и злобни незнабожци и се упокоил во Господа. Неговите свети мошти почиваат во Рим.

2. Св. свешт-мч. Кирил еп. Гортински, на Крит. Како старец од 84 години, бил мачен за Христа во време на царувањето на Декиј. Бил фрлен во оган, но бил спасен со Божја промисла. Тогаш судијата изрекол ваква пресуда: „Кирила, изведениот од оган, праведниот суд не може да го трпи помеѓу живите, затоа наредувам со меч да се убие". Светиот старец со радост ја наведнал својата глава под мечот, бил погубен за вечно да живее во царството Христово.

3. Преп. мч-ци Патермутиј и Коприј. Двајцата биле од Египет. Биле мачени од царот Јулијан Отстапник. Првиот имал 75 години, а вториот 45. Царот успеал да го одврати Коприј од верата Христова и да ги засака идолите. Одвратениот Коприј извикал: „Јулијанов сум, а не Христов“. Но кога старецот Патермутиј го укорил и го опоменал на вечни маки, Коприј се тргнал, па пред царот извикал: „Христов сум, а не Јулијанов“. Двајцата биле со меч убиени. Со нив пострадал и Александар, еден од војниците на царот, кој, гледајќи ја нивната храброст во страдањето, и самиот постанал христијанин. Чесно за Христа пострадале и кон Христа се преселиле во 361 година.

4. Преп. Патермутиј и Коприј. Иако со исти имиња, овие се поразлични од првите. Овој Патермутиј прво бил водач на разбојници, но по едно чудно видение се обратил во вистинската вера и се замонашил. Имено, тој се искачил на покривот од домот на една богоугодна жена за оттаму да влезе и да ја ограби. Но на него паднал сон и тој во сонот видел Некој кој му се заканил повеќе да не прави зло и да се покае. Тој не само што се крстил, туку и се замонашил. И едниот и другиот биле големи чудотворци. Според благодатта Божја, лекувале луѓе од секакви маки и болести, ги обраќале грешниците на вистинскиот пат и пророкувале. Некој грешник, лежејќи на смртната постела го замолил Патермутиј да му го продолжи животот за да се покае. По молитвата, светителот му рекол дека Бог му го продолжува животот уште за 3 години. Грешникот се покајал и точно по 3 години починал. Се упокоиле во Господа кон крајот на IV век, во длабока старост.

5. Св. Теодор еп. Едески и други со него. Во 20. година се замонашил и како монах поминал 36 години. Тогаш, во времето на царот Михаило и Теодора, бил избран за епископ Едески. Починал во 848 година. Покрај него, се споменува неговиот наставник св. Теодосиј Столпник Сирски, братот негов св. Јован, св. Адер, благородник и богаташ, кој побегнал од жената и се замонашил.

РАСУДУВАЊЕ

Многумина се прашуваат зошто Бог од овој живот ги зема младенците, девојките и децата и зошто не ги остави сите да остареат, па дури тогаш, преку смртта да одат на оној свет? Тоа е Божји план на домостројот, тоа е света волја на Неговата промисла. Но, во огромното искуство на Црквата, има некои примери дека понекогаш така прави Бог според желбата и молитвата на Своите угодници во оној свет или сродници. Св. Адер (во монаштвото Атанасиј) ѝ се јавил на својата жена, која одеднаш ја оставил со три деца и заминал во манастир каде што и умрел. Кога жената паднала во очајание, едно заради грижата за слабите дечиња, а второ заради грижата за мажот, зашто не знаела каде се наоѓа тој, тогаш на сон ѝ се јавил мажот од оној свет, со светло лице и бела и светла облека и ѝ рекол: „Престани да плачеш и да се жалиш против мене; еве ќе ти ги земам децата (две

од нив) кон себе, а ти, ако сакаш потруди се за спасение на твојата душа“. Во исто време и на ист начин тој му се јавил и на Теодосиј Столпник и му рекол: „По три дена кон Господа ќе замине една стара испосничка која е во блискиот манастир, а ти на нејзино место постави ја мојата сопруга да се подвизува како инокиња во таа келија. Со неа нека остане и најмалото дете додека не порасне: тоа ќе врви по моите стапки и ќе биде наследник на апостолскиот престол во Ерусалим“. И навистина сето тоа се случило како што било речено. На третиот ден старата испосничка умрела, како и двете деца Адерови, неговата жена ја зазела келијата на старицата заедно со најмладиот син, кој, кога пораснал постанал патријарх во Ерусалим.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната победа над Амалик (II Мој. 17), и тоа:

1. како народот го победил Амалик додека Мојсеј со воздигнати раце Му се молел на Бога;
2. како Мојсеј со воздигнати раце на молитва го претставува победоносното распетие Христово;
3. како со силата на крстот и молитвата и јас можам да ги победам мрачните страсти, што ги претставува Амалик.

БЕСЕДА
за судот Божји над праведникот

Оти време е да почне судот од Божјиот дом, а ако почне најнапред од нас, тогаш каков ли ќе им биде крајот на оние кои не му се покоруваат на Божјото евангелие (I Петр. 4: 17)?

Кога ќе дојде судот Божји во куќата на праведникот, да не се радува неправедниот злобно, туку нека трепери од страв. Ако праведникот и неправедниот се соседи, па раката Божја падне на праведникот, таа паднала на двајцата: првиот да го прекали, а вториот да го опомени. И кога праведни-

кот ќе го снајде луто страдање – не го снајдува без Божја волја – да не се весели неправедниот зашто тоа страдање е повеќе заради него отколку заради праведникот, имено: тој да би видел каков е гневот Божји и да побрза да го промени духот и да ги поправи своите дела. Уште нека се праша: кога е толкав гневот Божји на праведникот, колкав ли ќе биде над мене?

Знајте, браќа, дека правдата е сила, а неправдата слабост. Кој може повеќе да истрпи, а да не се прекрши под тежината; силата или слабоста? Несомнено, силата. Затоа над праведникот се надвиснува тешко бреме. Нека не се потсмева неправедниот кога ќе го види праведникот под тешко бреме и нека не вели: „Подобра е мојата неправда отколку неговата правда!“ Но со страв и трепет нека погледне на бремето на праведникот и нека си рече искрено: „Тоа е моето бреме, но јас сум премногу немоќен да го поднесам затоа е фрлено на неговиот грб, на грбот на праведникот. Јас да ги видам и да се покаам од патиштата свои и со покајанието да зајакнам за бремето што ме чека“. Од домот Божји почнува судот – тоа е неизмерната милост Божја кон грешниците, кон послабите, немоќните од гревот: нека ги отворат очите и да го читаат гневот Божји! Од домот Божји почнува судот зашто е силен домот Божји, а дом Божји е праведниот човек, во кого обитува Духот Божји. Кога ветрот ќе ја заниша камената кула, колибарите нека ги утврдуваат своите колиби.

О браќа мои, како се судбоносни и страшни оние апостолски зборови за грешникот!

О Господи Исусе Христе, праведен и милостив, милостив и праведен, помилуј нè нас и спаси нè! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

10 ЈУЛИ

1. Св. 45 мч-ци Никополски: Леонтиј, Маврикиј, Александар, Сисиниј и други. За време на опакиот цар Ликиниј, кој владеел со источниот дел од Византиското царство, имало големо гонење на христијаните. Во Никопол Ерменски св. Леонтиј со уште неколку свои пријатели му се јавил на царскиот наместник Лисиј и му рекол дека тие се христијани. „А каде е вашиот Христос?“ – прашал Лисиј. „Нели

беше распнат и нели умре?“ На тоа св. Леонтиј му одговорил: „Кога знаеш дека нашиот Христос умре, знај дека и воскресна од мртвите и се вознесе на небото“. По долги расправии за верата, Лисиј ги претепал и ги фрлил во затвор, каде што не им давале ни јадење ни пиење. Некоја благородна христијанка Власијана им носела вода и им подавала преку затворскиот прозорец. И ангел Божји им се јавил во затворот да ги утеши и охрабри. Кога било судењето, на Лисиј му се јавиле и двајца чувари и му кажале дека се христијани и уште многу други, сè на сè 45 на број. Судијата сите ги осудил на смрт, но така, прво со секира да им се отсечат нозете и рацете, а потоа да бидат фрлени во оган. Таа грозна казна целосно била извршена и душите на светите маченици одлетале кон својот Господ во вечен живот. Чесно пострадале и го наследиле вечното царство во 319 година.

2. Преп. Антониј киево-печерски. Основоположник и отец е на монаштвото во Русија. Роден во малото место Лубеч во близина на Чернигов. Рано ја оставил својата татковина и заминал во Св. Гора, каде се замонашил и се подвизувал во манастирот „Есфигмен“. Според некое небесно јавување, игуменот го испратил во Русија за таму да оформи монаштво. Тој избрал една пештера кај Киев. Кога околу него се собрале жедните за монашки живот, тогаш тој им го поставил Теодосиј за игумен, а тој останал во пештерата како безмолвник. Со Божји благослов, манастирот се развил и постанал матица на руското монаштво. Антониј претрпел многу злоба од луѓето и од демоните, но тој со својата кроткост победил сè. Имал голем дар на видовитост и лекување на болни. Се претставил пред Господа во 1073 година во 90. година од својот живот, оставајќи го својот духовен расадник низ вековите да донесува добри плодови на православниот народ во Русија.

3. Пренос на чесната риза на Господа нашиот Исус Христос. Во време на страдањата на Господа Исуса Христа за родот човечки, во одредот на римската војска во Ерусалим, имало и еден Грузиец Елиоз од градот Мхцет. Неговата мајка слушнала за Христа и во своето срце верувала во Него. Испраќајќи го синот во војска во Палестина, таа го советувала да не прави ништо против Христа. Кога Господ бил закован со шајки на крстот, звукот на чеканот допрел до ушите на мајката на Елиоз во градот Мхцет. Кога го слушнала тој звук, таа извикала: „Тешко мене затоа што не умрев пред ова време, смртта би ме избавила од овој

страшен звук“. Кога го рекла тоа, паднала мртва. Елиоз тогаш бил под Крстот и со другите војници фрлал коцка за Христовата риза. Ризата му се паднала нему и тој ја донесол во Мхцет, и ја подарил на својата сестра Сидонија. Таа кога слушнала за смртта на Господа како и за тоа дека нејзиниот брат е учесник на тоа невино крвопролевање, веднаш умрела со ризата Господова која ја држела цврсто во своите раце и никој не можел да ја оттргне. Луѓето биле присилени заедно со ризата да ја погребат. Од нејзиниот гроб израснал кедар од кој течело лековито миро. Со тек на времето кедарот се исушил и тоа место било заборавено. Св. Нина, со помош на нејзините молитви и со помош на огнен столб, го пронашла тоа место. Покрстениот цар Миријан тука им изградил црква на св. Апостоли. Во 1625 година шеикот Аббас ја зел таа риза и ја испратил во Москва како подарок на кнезот Михаил Феодорович и на патријархот Филарет. Ризата таму била поставена во Успенскиот собор, во Москва.

РАСУДУВАЊЕ

Помислата за смртта е како студен млаз што го гаси пожарот на страста. Псалмопевецот вели: *Кога ќе умре богат и прославен човек, нема ништо да понесе со него, ниту пак славата негова ќе појде по него* (Пс. 49, 17). Кој да не се посрами кога и кај неверниците понекогаш ќе се забележи подобро сфаќање на нашата земна ништожност отколку кај некои христијани? Кога калифот Саладин умрел, според неговиот аманет, пред неговиот ковчег одел војник со копје во рацете на кое била обесена една царева кошула и викал: „Великиот Саладин, кој ја освои цела Азија и направи од него да треперат многу држави и кој ги победил царевите, еве од својата слава и од сите свои поданици не зема со себе ништо, освен оваа бедна кошула“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното јавување на Бога на Мојсеја на Синај (II Мој. 20), и тоа:

1. како Мојсеј се искачил на гората Синај и настапил мрак, во кој бил Бог;

2. како Божјата светлина е толку голема, та пред неа сета природа и нејзината светлина постануваат мрак;

3. како човечкото срце е како Горета Синај; во мракот на срцето се сретнува Бог со човекот.

БЕСЕДА
за духовните должности на пастирот

Пасете го Божјото стадо што го имате, надгледувајќи го не присилно, туку доброволно и според Бога; не заради неправедна корист, туку од добро срце. И не како да управувате со народот, туку давајќи му пример на стадото (I Петр. 5:2–3).

Еве закон за пастирите на Христовото стадо! Со неколку зборови св. апостол Петар изобличил три страшни страсти што од пастирите прават волци, и тоа: страст на гордост (*надгледувајте го не со присила*), страст на среброљубие (*ниту за неправедна корист*) и страст на властољубие (*ниту да владеете со народот*). Наспроти овие опаки страсти, апостолот истакнал три добродетели, што треба да го красат Божјиот свештеник и тоа: стравот Божји (*доброволно според Бога*), усрдноста (*од добро срце*) и службата (*бидете му пример на стадото*). Овој закон апостолот го дал не само како учител туку и како пророк. Зашто столетијата, главно, покажале два вида на пастири, и тоа: едни кои се раководеле од своите страсти за управување над Црквата: со гордост, среброљубие и властољубие, и други, кои се раководеле со стравот Божји, усрдноста и примерот на службата. Од тие првите страдала Црквата, но не пропаднала, додека тие пропаднале. Од вторите, растела и напредувала Црквата, блескала во светот. Оние се волци, а овие се пастири. Тие се непријатели и на луѓето и на Бога, а овие се пријатели и на луѓето и на Бога. Пастироначалникот Христос ќе бара сметка и од едните и од другите за секоја овца, т.е. за секоја човечка душа и секого ќе го награди според заслугата. Гордоста, среброљубието и властољубието, таканаречените пастири ќе платат со вечен оган, а стравот Божји, усрд-

носта и службата на вистинските пастири ќе ја награди со вечна радост.

О Господи Исусе Христе, Пастироначалнику, помогни им на пастирите на Твоето словесно стадо до крај да ја исполнат заповедта на Твојот апостол. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

11 ЈУЛИ

1. Св. вмч-чка. Ефимија. Оваа светителка се празнува на 16 септември, кога и пострадала. На ова место се споменува чудотворството на нејзините чесни мошти, пројавено за време на IV вселенски собор во Халкидон. Тој собор бил свикан во времето на царот Маркијан и Пулхерија во 451 година, по смртта на царот Теодосиј Помладиот. Повод за свикување на овој собор било појавувањето на нова ерес од Диоскор, патријарх Александриски и Ефтихиј архимандрит цариградски, кои ширеле лажно учење дека во Господа Исуса Христа немало две природи, божествена и човечка, туку само една, божествена. На овој собор највидна улога играле Анатолиј, патријарх Цариградски и Јувеналиј, патријарх Ерусалимски. Бидејќи со расправиите и докажувањата од двете страни не можело да се дојде до било какво определено решение, патријархот Анатолиј предложил, и православните и еретиците да ја напишат својата вероисповед, да ги положат во ковчегот во кој стоеле моштите на света Ефимија. Сите со тоа се согласиле. Двете вероисповеданија биле напишани и поставени на градите на великомаченичката, ковчегот бил затворен и со царски печат запечатен, па дури и војничка стража била поставена да го чува. Тогаш сите минале три дена во пост и молитва. На четвртиот ден, кога го отвориле гробот, го виделе православното исповедување во десната рака на светителката, а еретичкото под нејзините нозе. Така спорот со Божја сила бил решен во полза на православието. Во времето на царот Ираклиј моштите на света Ефимија биле пренесени од Халкидон во Цариград, во црквата со нејзиното име, во близина на хиподромот. Иконоборниот цар Лав Исавријан наредил тие мошти да се фрлат во морето, но на чуден начин ковчегот бил пренесен на островот Лимнос и бил положен во црквата на св. мч-чка Гликерија. Дури во времето на царицата Ирина, ков-

чегот со моштите бил повторно вратен во Цариград на своето старо место. Од овие мошти одвреме–навреме течела крв, која им помагала на болните и несреќните.

2. Св. Елена. Голема руска кнегиња, пред крштавањето се викала Олга. Била жена на кнезот Игор. Се крстила во Цариград од патријархот Полиевкт. Била голема ревнителка на православната вера во Русија. Се упокоила во 969 година.

3. Преп. мч. Никодим. Роден е во Елбасан. Бил оженет и имал деца. Измамен од Турците, го примил исламот и насилно ги превел и своите деца во него, освен еден син, кој побегнал во Св. Гора и се замонашил. Никодим отишол во Св. Гора да го врати синот назад, но Св. Гора оставила над него таков силен впечаток што тој се покајал, се вратил во Христовата вера и се замонашил. Три години го оплакувал своето отстапништво и на крајот решил да се врати во Албанија да се покае за својот грев таму каде што го и направил. Се вратил, пред Турците изјавил дека е христијанин и бил убиен на 11 јули 1722 година. Неговите чудотворни мошти и денес лежат цели и исцелителни.

4. Преп. мч. Нектариј. Роден е во Вриул, Мала Азија. Во 17. година бил присилно потурчен. Имал слична судбина како и св. Никодим. Кога ѝ се јавил на својата мајка како Турчин, таа му се развикала: „Оди си од мене, јас не те познавам. Јас те родив како христијанин а не како Турчин". Тој горко се покајал, отишол на Св. Гора и таму, во скитот на св. Ана, се замонашил. Решен да загине за Христа и со тоа да го очисти својот грев, отишол повторно во Вриул каде и пострадал. Бил погубен за Христа од Турците во своето место на раѓање, на 11 јули 1820 година, во 21. година од животот.

РАСУДУВАЊЕ

Промената на среќата најтешко удира кога ќе удри ненадејно. Но оној кој ги очекува ударите и однапред се вооружува против нив, зар може да биде изненаден? Царот Карло Велики им заповедал на своите синови да изучат некој занает, а ќерките да научат да предат волна за да имаат со што да се хранат – ако се промени среќата. Прославениот Велизар, голем војвода и победник, од завидливците бил наклеветен кај царот и врз основа на клеветата бил ослепен, а

имотот му бил одземен. Слепиот Велизар седел пред портите на Рим и просел милостина, говорејќи им на минувачите: „Подајте на Велизар, кого среќата високо го воздигна а зависта го собори и од очите го лиши“. *Зар не е човекот војник на земјата?* – вели праведен Јов (7:1). Значи, треба да се биде како буден чувар спремен за сѐ што може да се случи. А што не може на човекот да му се случи? И уште: во секоја мака да се има надеж во Бога. Праведниот Јов на ѓубриштето и целиот во гној извикува: *Еве, и да ме убие, пак ќе се надевам на него* (13:15)!

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното осветлување на лицето на Мојсеја (II Мој. 34), и тоа:

1. како на Мојсеј, по разговорот со Бога на Синај, му се осветлило лицето со светлина;
2. како тоа народот го видел и не смеел да му пристапи на Мојсеја, та тој ставил покривка над своето лице;
3. како од срдечната молитва и општењето со Бога и лицето на богоугодникот се осветлува.

БЕСЕДА
за послушноста и понизноста

Исто така и вие, помладите, покорувајте им се на свештениците а сите, пак, покорувајте се еден на друг и здобивајте се со понизност (I Петр. 5:5).

Еве го начелото на вистинската православна соборност. Таа се заснова на безусловна послушност на помладите кон постарите и на заемна послушност на рамните меѓу себе, како и на понизноста и на старите и на младите. Понизноста е добар збор, но уште подобар е смиреноста, а најдобар е смиреномудрието; всушност смиреномудрието одговара на грчкиот збор кој апостолот го употребил во своето послание, а смиреномудрието означува ниско мислење за себе и високо мислење за Бога и непрестајно признавање на својата немоќ, како и непрестајно признавање на Божјата

моќ, Божјата мудрост, Божјата милост и Божјото достоинство.

Бог е единствен цар на луѓето. Затоа Бог ѝ се противел на желбата на израилскиот народ да им се постави цар од луѓето. Бог царува, а луѓето Му служат на Бога. И тие кои се старешини и тие кои се покорни, сите подеднакво се Божји слуги. Кога се знае и се признава дека Бог е цар а сите луѓе се слуги Божји, тогаш со тоа е поставен темелот на соборноста, темелот на ангелското општество. На тој темел тогаш се ѕида домот Божји, ангелското општество, со помош на послушноста на младите кон постарите и на заемната послушност на рамните помеѓу себе и на смиреномудрието на сите. На овој начин се избегнуваат две страшни зла во светот: тиранијата, т.е. насилното владеење еден над сите и анархијата, т.е. многувластие, се избегнува монотиранијата и политиранијата.

Начелото на соборноста е органско начело, т.е. животно. Тоа е начело на заемна служба, заемна помош и заемна љубов. Нека Бог нè вразуми, браќа, да прибегнеме кон ова спасоносно начело во нашиот живот.

Господи Исусе Христе, послушен и смирен Човекољупче, всади во нас и поткрепи нè на послушност на Твојот закон, и на заемна послушност од љубов, и смиреномудрие пред Твојата неискажана мудрост. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

12 ЈУЛИ

1. Св. мач. Прокло и Илариј. Овие маченици биле родени во Калипт, во Азија, а Прокло му бил стрико на Илариј. Пострадале во времето на Трајан. „Од каков род си?" – го прашал судијата Прокло. Прокло одговорил: „Родот мој е Христос и надеж моја е мојот Бог". Кога судијата му запретил со мачење, Прокло рекол: „Кога вие се плашите да ја прекршите царската заповед за да не паднете во краткотрајни маки, колку пак ние христијаните се плашиме да не ја престапиме Божјата заповед за да не паднеме во вечни маки!" Кога го мачеле Прокло, пристапил Илариј и му рекол на судијата: „И јас сум христијанин". По многу мачења, двајцата биле осудени на смрт, и тоа: Прокло го распнале на

крст, а на Илариј му ја отсекле главата со меч. И си отишле двајцата во радоста на својот господар.

2. Преп. Михаил Малеин. Човек од благороден и богат род. Презирајќи ги земните богатства, во младоста се повлекол на гората Малеа, кај Св. Гора, каде што се подвизувал, чистејќи го своето срце со пост и молитва. Подоцна имал многу ученици од кои најпознат е св. Атанасиј Атонски. Се упокоил мирно околу 940 година.

3. Св. мч-чка Голиндуха. Персијка, стапила во брак со некој персиски големец и со него живеела околу три години. Тогаш имала видение на ангел кој ѝ го покажал оној свет: маките на грешниците и неверниците и радоста на праведниците. Потоа го напуштила својот маж и се крстила. На крштавањето го добила името Марија. Гонета од мажот, таа била осудена на доживотен затвор. Во затворот поминала 18 години и не се поколебала во верата. Потоа била фрлена во некоја јама, но била спасена од Бога; иако била фрлена пред некоја страшна змија, змијата не ја повредила. Кога некои лоши момчиња биле испратени кај неа да ја осквернат, Бог ја направил невидлива во нивните очи. Зачудени од нејзиното страдање, многу Персијци ја примиле верата Христова. Го посетила Ерусалим, каде што ја изобличила ереста на Севир, кој учел дека и Христовото божество пострадало, заради што читале: „Свети Боже, Свети силни, Свети бесмртни, *Кој се распна за нас*, помилуј нè!“ Најпосле, проповедајќи ја вистинската вера, мирно се упокоила во близина на градот Нисивија, во 587 година.

4. Св. Вероника. Тоа е онаа крвоточна жена која Господ ја исцелил (Мт. 9,20). Од благодарност кон Господа, својот исцелител, Вероника порачала да ѝ се направи статуа на Господа Исуса, пред која таа се молела на Бога. Според преданието, таа статуа била сочувана сè до времето на царот Јулијан Отстапник, кој ја претворил во статуа на идолот Зевс. Ова е еден од најретките случаи светителски статуи да се употребуваат во источната црква. Како што е познато, тоа подоцна станало општ обичај на западните цркви. Св. Вероника останала предана на верата Христова до смртта и мирно се упокоила.

5. Св. мч-ци Теодор и Јован. Татко и син, по потекло Барјази, кои се крстиле, па се доселиле во назнабожниот град Киев да живеат. Разлутените незнабожци ја разурнале куќата над нив, та двајцата загинале за Христа. Нивните мошти почиваат во Антониевите пештери. На нив најмногу

се молат бездетните луѓе и оние родители на кои не им траат децата.

РАСУДУВАЊЕ

Ткивото на правдата е потенко од свилата, но е трајно и нераскинливо и ги опфаќа обата света; додека ткивото на неправдата и насилството е дебело и лесно се кине. Во времето на киевскиот кнез Владимир, во Киев живеело само едно христијанско семејство, Теодор Варјаг и неговиот син Јован. Кога имало некоја нечиста идолска свеченост, тогаш незнабожните киевци, упатени од самиот ѓавол, решиле за жртва на идолите да го принесат Јован, синот на Теодор. Кога некои од нив отишле и во името на своите „богови" го побарале синот од Теодор, тој им рекол: „Ако вашите богови се живи, нека дојдат самите тие и нека ми го земат синот". Разлутените незнабожци се нафрлиле на куќата на Теодор, ја разурнале и во урнатините ги оставиле мртви богоугодниот маж Теодор и неговиот син Јован. До каде може да оди ткивото на насилство. А ткивото на правдата се продолжува: кнезот Владимир наскоро се крстил, го крстил и својот народ, а на тоа исто место каде што била куќата и гробот на руските првомаченици Теодор и Јован, подигнал храм на Пресвета Богородица.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната казна и исцелувањето на Марија, сестрата на Мојсеја (IV Мој. 12), и тоа:

1. како Марија му викала на Мојсеја, најкроткиот од сите луѓе на земјата;
2. како ја казнил Бог со изненадана губа и како Бог ја излекувал по молитвите на Мојсеја;
3. како оние кои викаат на Божјите луѓе и денес ги стасува Божјата казна.

БЕСЕДА
за Божјото однесување кон горделивите и кон смирените

Бог им се противи на горделивите, а на смирените им дава благодат (I Петр. 5:5).

Пред кого и пред што тоа, браќа, човекот може да биде горделив? Дали пред ангелите? Ете, ангелите се бесмртни, а човекот е смртен. Или пред луѓето? Ете, тој е зависен од многу луѓе и е смртен како и сите луѓе. Или пред животните? Но како би живеел без служба на животните. Или пред Сонцето и ѕвездите? Но без нивната светлина би се тетеравел неколку дена во мракот и ќе го снема. Или пред тревата? Но тревата му е главна храна. Или пред црната земја? Но од земјата му е создадено телото. Или пред мртвите? Но без нив не би дошол во живот. Или пред живите? Но живи има толку многу што тој помеѓу нив е како едно влакно во килимот. Пред Бога? Но да не е Божјата волја тој не ќе биде ниту помеѓу живите ниту помеѓу мртвите. Пред кого тоа и пред што, браќа, човекот може да биде горделив?

На понижените и на смирените Бог им дава благодат. Односно, им дава сѐ она што им треба, сѐ она за кое тие се молат на Бога во понижување и во својата смиреност. Кои се тие понижени и смирени? Тоа се оние кои ја чувствуваат својата немоќ и потполната зависност од својот Творец. Тие се полни како море и зависни како море. Која вода е пополна од морето и која е позависна од дождот и од притоките? А горделивиот е како затворен бунар, затворен од небото и од земјата и самозадоволен додека е полн. Но како затворен и отсечен од морето, тој мора брзо да се испразни.

Мудро вели мудриот Соломон за Бога: „На тие што се потсмеваат им се потсмева, а на кротките им дава милост" (Изрек. 3:34). Но Божјото потсмевање не е злонамерно како човечкото потсмевање, туку тоа е жалење и гнев. Ниту, пак, Божјата милост е ограничена како човечката милост, туку таа милост е царска што изненадува се целиот сјај, со убавината и со безграничноста.

О Господи Боже, Творецу наш, скроти го нашето срце кога ќе се погордее, скроти го нашиот ум кога ќе се погордее и помогни ни во часовите на нашата ништожна горделивост да се потсетиме на Крстот на Голгота и на Твојот

Единороден Син, во крв и во маки за нас. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

13 ЈУЛИ

1. Св. Архангел Гаврил. Овој голем архангел Божји се празнува на 26 март. На денешниот ден пак се слават и се чествуваат неговите јавувања и чуда низ историјата на човечкото спасение. Се мисли дека оваа слава е востановена прво во Св. Гора во IX век за време на царевите Василиј и Константин Порфироген и патријархот Никола Хрисоверг, а по повод јавувањето на овој архангел во една келија до Кареја каде што со прстот по каменот ја испишал песната кон Богородица „Навистина е достојно". Поради тој настан, оваа келија е наречена и до денес се нарекува „Достојно". Во врска со ова се споменуваат и останатите јавувања на архангелот Гаврил, како: јавувањето на Мојсеја, кога овој го чувал стадото на Јотор, во која прилика тој му соопштил на великиот Божји избраник како е создаден светот и сето останато што Мојсеј после го запишал во книгата *Битие*; јавувањето на пророкот Данил и соопштувањето на тајните на идните царства и за доаѓањето на Спасителот; јавувањето на св. Ана и ветувањето дека ќе роди ќерка, Преблагословената и Пречистата Дева Марија; многукратното јавување на св. Дева, додека таа престојувала во ерусалимскиот храм; јавувањето на првосвештеникот Захариј и соопштувањето за раѓањето на Јован Претеча и казнувањето на истиот со немилост затоа што не поверувал на неговите зборови; јавувањето, повторно, на св. Дева во Назарет и соопштувањето на благата вест за зачнувањето и раѓањето на Господа Исуса Христа; јавувањето на праведниот Јосиф; јавувањето на пастирите кај Витлеем; јавувањето на Самиот Господ во Гетсиманската Градина, кога тој Господа како човек Го крепел пред страдањето; јавувањето на жените мироносици итн.

2. Св. Јулијан еп. Кеномански во Галилеја. Некои мислат дека овој светител не е никој друг туку Симон лепрозниот, исцелениот од Господа. Апостол Петар го поставил за епископ и го испратил во незнабожечка Галилеја, каде св. Јулијан претрпел големи беди, но успеал да обрати во верата Христова многу народ. Кога го крстил кнезот Дефенсон, тогаш и многу поданици на овој кнез се обратиле во ви-

стинската вера. По благодатта Божја правел многу чуда: болни исцелувал, демони изгонувал и мртви воскреснувал. Својот живот го завршил мирно и во времето на својата смрт му се јавил сред ден на кнезот Дефенсон кога овој бил на ручек.

3. Преп. Стефан Саваит. Бил братучед на св. Јован Дамаскин. Се подвизувал во манастирот на св. Сава Освештен, по што бил и наречен Саваит. Голем поддржувач на животот на св. Сава и блескава ѕвезда меѓу палестинските монаси. Се упокоил во Господа во 749 година, во 69. година од својот живот.

4. Преп. Сара Египетска. Како девица отишла на подвиг и 60 години се подвизувала на брегот на реката Нил, недалеку од Александрија. Со својот пример привлекла многу девојки во монашкиот живот. Се упокоила во Господа во 370 година.

РАСУДУВАЊЕ

Човекот ја краси простата облека, а раскошната облека го краси човекот. Простата облека го привлекува вниманието на човекот, а раскошната облека го привлекува вниманието самата на себе. Страста по раскошна облека просто ја пие и ја исушува човечката душа. Ова е вистинската причина зашто Црквата отсекогаш станувала против раскошот во облекувањето и препорачувала скромност. Помеѓу безбројните христијански светители ниеден не се споменува на кого раскошната облека му помогнала да се посвети. Многу големи и мудри цареви, не само христијански туку и незнабожечки, љубеле попросто да се облекуваат. Така, се раскажува за царот Август Октавијан, во времето кога се родил Господ Христос, дека тој носел по една проста облека што му ја исткале жената, сестрата или ќерката. За царот Карло V се раскажува дека носел толку проста облека што и неговите поданици, обичните граѓани, се облекувале подобро. Славниот грчки војсководец Филопомен еднаш бил повикан на ручек од некој човек, во чија куќа тој порано никогаш не влегувал. Филопомен дошол нагости нешто порано. Домаќинот уште не бил дојден, а домаќинката лично не го познавала Филопомена, та гледајќи го овој во сосема проста облека, помислила дека тој е еден од слугите на Филопомен кој е испратен порано да го јави доаѓањето на војсководецот и

нејзиниот маж. Затоа му наредила да расцепи дрва. Кога дошол домаќинот и го видел својот голем гостин што работи, се згрозил и го прашал: „Кој се осуди да му даде таква работа на Филопомен?“ Војсководецот мирно одговорил: „Мојата облека“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за преголемото Божјо трпение кон неверниот еврејски род и заслужената казна (IV Мој. 14), и тоа:

1. како Бог направил многубројни чуда пред очите на Израилците и како овие останале упорни во неверувањето и му викале на Мојсеја;

2. како Бог ги казнил 40 години да лутаат по пустината и сите изумреле, освен Исус Навин и Халев;

3. како и некои од нас умираат во пустината на чудата и не влегуваат во земјата на духовните мед и млеко, во царството Христово.

БЕСЕДА
за неопходната трезвеност во борбата против ѓаволот

Бидете трезвени, бидете будни, зашто вашиот противник, ѓаволот, обиколува како лав што рика и бара некого да го проголта (I Петр. 5:8).

Православните монаси ја воздигнале трезвеноста и вниманието до подвиг. Духот мора да биде трезвен за да ја осети опасноста и мора да биде внимателен за да распознае од која страна доаѓа опасноста и од кого.

„Внимавај, дете, на змија да не застанеш, во јама да не паднеш, со волкот да не се сретнеш, во длабока вода да не загазиш, од патот во шумата да не залуташ!“ Така мајката го советува своето дете, плашејќи се за неговото тело. Не со помала љубов Црквата го советува човекот, плашејќи се за неговата душа. Деца, бидете трезвени и внимавајте! Стариот соперник, ѓаволот, не се одмара и не спие, туку слично

на гладниот лав, оди и бара некого да го проголта. Отрезнете се и внимавајте, бидејќи вие сте како овци, а тој е како лав. Кога овците ќе го осетат лошиот мирис на волкот, тие бегаат кон својот овчар. Бидете трезвени и вие, почувствувајте ја смрдеата на ѓаволот кога ви се приближува и веднаш бегајте под закрилата на својот пастир Христос Господ. А смрдеата на ѓаволот ќе ја осетите преку своите помисли, преку своите чувства, преку својата намера, преку телесните страсти. Сè што ќе помислите, што ќе вообразите, што ќе почувствувате, што ќе посакате спротивно на Христа и законот Негов, знајте дека тоа е ѓаволска стапица, ѓаволска смрдеа – знајте и бегајте кон својот Пастир, упатувајќи го кон Него сиот свој ум и сето свое срце и сета своја душа и своето тело.

Господи Исусе, Пастиру наш трезвен и внимателен, направи нè во секој час трезвени и внимателни, та нашиот непријател да не нè изненади и да не нè проголта. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

14 ЈУЛИ

1. Св. ап. Акила. Еден од седумдесетте апостоли. Како Евреин живеел прво во Италија, со својата жена Прискила. Кога царот Клаудиј наредил сите Евреи да се протераат од Рим и од Италија, тогаш Акила се преселил во Коринт, каде што првпат го сретнал и запознал апостолот Павле и останал во неговиот дом една и пол година, го крстил него и жената негова. Горејќи од ревност кон верата Христова, Акила и Прискила го испратиле Павлета до Ефес и му помагале во неговото апостолско дело. Од Ефес Павле го напишал своето прво послание до Коринтјаните, во кое при крајот вели: „Многу ве поздравуваат Акила и Прискила со својата домашна црква“ (16:19). По смртта на царот Клаудиј, на Евреите им било дозволено да се вратат во Италија и Акила со Прискила се вратил во Рим. Пишувајќи го потоа посланието до Римјаните од Коринт, апостолот ги поздравил своите стари пријатели и сотрудници: „Поздравете ги Прискила и Акила, моите сотрудници во Христа Исуса, кои за мојата душа ја положија својата глава; на нив не само што јас им благодарам, туку и сите цркви од незнабожците и нивната домашна црква“ (16:3–4). Подоцна повторно го

гледаме Акила во Ефес каде што делува заедно со св. Тимотеј. Окован во Рим, Павле му пишува на Тимотеј во Ефес: „Поздрави ги Прискила и Акила“ (II Тим.4:19). Како епископ Акила крстил многумина и со верата ги просветил, идолите ги разурнал, изградил храмови, поставил свештеници и ја пронесол меѓу луѓето славата на овоплотениот Син Божји. Најпосле бил убиен од озлобените незнабожци и се преселил во царството Христово.

2. Преп. Елиј. Египетски монах од IV век. Од раната младост се посветил на монашките подвизи во пустината, така што со својот живот и моќните чуда предизвикувал восхит и кај монасите и кај мирјаните, иако бегал од човечката слава, не можел да се скрие. Имал големи борби со измамите ѓаволски, особено за време на долготрајниот пост. Ѓаволот му се претставувал час мед, час убави јаболка, но тој не се давал да биде прелаган. Проникнувал во човечките срца и ја откривал сечија страст и сечија помисла, не поради тоа да го покаже своето знаење, туку луѓето да ги исправи.

РАСУДУВАЊЕ

Христијаните мораат да се заштитат од соблазните на овој свет. Тие мора да бидат заштитени од сите удари и од сите искушенија, така што секое зло од нив да се одбива. Оклопот не се создава за еден ден, ниту за два, туку грижливо и тешко се кова со долготрајно вежбање. Што ни вреди сета наша добродетел, ако ѝ подлегнеме на првата соблазна? Говорејќи за тоа, св. Григориј Ниски наведува еден пример со некој мајмун во Александрија: „Во Александрија некој дресер го научил мајмунот многу вешто да изигрува танчарка на бината. Посетителите на театарот многу го пофалиле мајмунот, кој облечен како танчарка играл според тактот на музиката. Но додека гледачите биле зафатени со набљудувањето на, за нив, новиот пазар, некој шегаџија сакал да им покаже на сите дека мајмунот не е ништо друго освен мајмун. Додека сите извикувале и ракоплескале на вештината на мајмунот, шегаџијата фрлил на бината од оние слатки кои најмногу ги сакал мајмунот. Штом мајмунот ги здогледал слатките, тој заборавил на играта, на ракоплескањето, на скапоцената облека и јурнал со шепите на слатките; а како што облеката му пречела, тој започнал да ја кине со ноктите, трудејќи се да ја отфрли од себе. И наместо пофалби и

чудење, настанало кај гледачите смеа, бидејќи низ искинатата маска на *танчарката* се покажал мајмунот".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за праведната казна што Бог им ја испратил на Кореј, Датан и Авирон (IV Мој. 16), и тоа:

1. како овие тројца го побуниле народот против Мојсеја и Арона и побарале сите да бидат водачи;
2. како се отворила земјата и ги проголтала Кореја, Датана и Авирона, како и останатите со нив;
3. како земјата ги голта телата и душите на сите оние кои мислат телесно и така мислејќи се побунуваат против законот Божји.

БЕСЕДА
за тврдината на вера

Спротивете му се со тврда вера, знаејќи дека такви страдања ги снаоѓаат и вашите браќа по светот (I Петр. 5;9).

Најглавна тврдина на човековата душа е, браќа, тврдината на верата. На таа тврдина ѓаволот најсилно напаѓа со сите свои стрели и со сите свои лукавства. Бидејќи знае дека кога нечистиот дух ќе ја разурне таа тврдина, тој ја заробил човечката душа засекогаш. Затоа светите апостоли се молеле на Бога: „Засили ја во нас верата" (Лк. 17:5). Да се помолиме и ние, браќа, секој ден Господ да ни ја засилува верата, да ни ја засилува и да ни ја поткрепува нашата вера. Змијата во опасност најмногу ја чува главата, па затоа самиот Господ ја нарекол мудра. Така да ја чуваме и ние главата на нашиот духовен живот, а тоа е верата. Ништо во светот не може да ја замени верата во Бога: ниту филозофијата, ниту науката; ни богатството, ни славата, ни сиот свет открај докрај со сите свои минливи измами. Тоа го знае ѓаволот и затоа најмногу напаѓа на нашата вера, наведувајќи ни сомнежи, колебајќи нè, збунувајќи ги нашите мисли, вознемирувајќи го нашето срце. Па кога ѓаволот знае дека верата е главна работа, толку побрзо ние треба тоа да го знаеме. Би-

дејќи заради нас Христос слезе на земјата, заради нас пострада на крстот и нам ни го предаде заветот на спасоносната вера.

А верата не можеме ни да ја утврдиме ни да ја зголемиме, освен преку страдање. Затоа многустрадалниот апостол Петар и вели: „Такви страдања (како и вашите) им се случуваат на нашите браќа по светот". Од смирение апостолот не зборува за своето страдање, туку говори за страдањето на нашите браќа според Христа. Тие што се заедно во верата, тие се заедно и во страдањата. Не трпите само вие, браќа, заради вистинската, туку трпат и останатите браќа заради истата вера.

Тоа нека ви ги ублажува вашите маки. Но најмногу нека ви ги ублажува маките Првенецот во страдањето, самиот распнат Господ наш, Исус Христос.

О Господи Исусе, Страдалнику над страдалниците и Победнику над победниците, засили ни ја верата и поткрепи нѐ со силата на Твојата благодат како што си ги поткрепил Твоите свети апостоли. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

15 ЈУЛИ

1. Св. мч-ци Кирик и Јулита. Јулита е светителка од благороден род. Рано останала вдовица со новородениот младенец Кирик. Живеела во Иконија, град Ликаониски, и целата била предадена на верата Христова. Својот мал син го крстила веднаш по раѓањето, а кога наполнил три години, таа го научила на верата и молитвата онолку колку што дете на таа возраст може да прими. Кога Диоклецијан наредил гонење на христијаните, во градот Иконија била пролеана многу невина крв. Јулита го зела својот син и се засолнала од незнабожечкиот гнев во градот Селевкиј. Но и таму не било подобро. Јулита била фатена и како христијанка била изведена пред судијата. Бидејќи Јулита храбро ја изјавила својата вера во Господ Исус, судијата, за да ја нажали и поколеба, го зел детето на своите раце и почнал да го милува. Но Кирик викал на цел глас: „Јас сум христијанин, пушти ме кај мојата мајка!" и почнал со своите рачиња да го гребе судијата, одвраќајќи го своето лице од него. Судијата се разлутил, го тратил детето од земја и го оттурнал со ногата, а детето се стркалало низ камените скали и ја предало на Бога

својата света и невина душа. Видувајќи како Кирик пострадал пред таа да пострада, св. Јулита била радосна и Му заблагодарила на Бога што нејзиниот син го удостоил со маченички венец. По многу маки и Јулита била со меч обезглавена во 304 година. Моштите на Кирик и Јулита и до ден–денес се чудотворни. Еден дел од моштите на овие светители се наоѓаат во Охрид во црквата „Св. Богородица – Болничка“.

2. Св. Владимир Велики кнез руски. При крштавањето му го дале името Василиј. Син е на кнезот Светослав, а внук на Игор и Олга. Владимир прво бил незнабожец, и според верувањето, и според животот. Дознавајќи дека постојат други вери, тој почнал грижливо да испитува која од нив е најдобрата. Затоа испратил луѓе во Цариград. Кога се вратиле пратениците, му соопштиле дека биле на служба во православната црква „Света Софија“ и дека биле „надвор од себе не знаејќи дали се на земјата или на небото“. Тоа го побудило Владимира да се крсти и да го крсти својот народ. Главниот идол Перун бил симнат од киевскиот рид и бил фрлен во реката Днепар. Примајќи ја христијанската вера, Владимир совршено го изменил својот живот и целиот свој труд го вложувал точно да ги исполнува сите прописи на оваа вера. Наредил насекаде по неговата држава да се градат цркви на местото на урнатите идоли, а самиот изградил прекрасна црква посветена на Пресвета Богородица во Киев. Оваа црква била подигната на она исто место каде што порано маченички за Христа пострадале св. Теодор и син му Јован (види, 12 јули). Со истиот оној неодолив напор со кој Владимир порано го штител идолопоклонството сега тој го ширел христијанството. Се упокоил во Господа во 1015 година.

РАСУДУВАЊЕ

Гостољубието се почитува и во другите вери, но христијанството го истакнува како должност и обврска. Од друга страна, благодарноста за гостољубието е, исто така, должност и обврска на христијаните. Којшто ќе се научи да биде благодарен на луѓето за гостољубието, тој ќе умее да биде благодарен и на Бога – на гостољубието. Бидејќи што сме ние овде на земјата ако не гости Божји? Што се дури и ангелите на небото ако не гости Божји? Се раскажува за ца-

рот Филип Македонски како страшно го казнил својот дворјанин за неговата неблагодарност. Царот го испратил својот дворјанин преку морето да му заврши некоја работа. Дворјанинот ја завршил работата и тргнал со бродот назад. Бурата го разбила бродот и дворјанинот се нашол на брановите. За среќа, тоа било недалеку од брегот. Некој рибар го видел човекот како се дави, побрзал да му помогне со својот чун и го извадил на брегот. Откако се поопоравил и се одморил, дворјанинот отишол кај царот и му раскажал за несреќата во морето. Царот, сакајќи да го награди, го прашал што сака да му подари? Дворјанинот му рекол на царот дека најмногу сака царот да му го даде имотот на оној рибар крај морето. Царот веднаш тоа му го направил според желбата. Но кога дворјанинот се населил на имотот од својот најголем добротвор, тогаш спасителот разочаран, му раскажал сè и му се пожалил. Овој му го спасил животот на дворјанинот, а тој сега го изгонува од куќата. Кога слушнал царот за тоа, многу се налутил на неблагодарниот дворјанин и наредил на неговото чело со врело железо да му се отпечати „неблагодарен гостин“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното цутење на Ароновиот жезол (IV Мој. 17), и тоа:

1. како Бог наредил, заради смирување на викотниците кон Мојсеја и Арона, сите жезоли од сите старешини да се стават во шаторот за состаноци;

2. како само сувиот жезол на Арон преку ноќта раззеленил, процветал и покажал род;

3. како и човечка душа, мртва заради гревот, Бог може да ја оживее.

БЕСЕДА
за благодатта и мирот

Благодатта и миротт со познавањетто на Бога и Христта Исуса, нашиотт Господ, да ви се умножи (II Петр. 1:2).

Со познавањето на Бога, се умножува, браќа, благодатта и мирот. Со познавањето на созданијата без Бога, како отсечени од Бога или спротивно на Бога, се умножува, браќа, јадот и немирот. Дека јадот и немирот се умножуваат кај оние кои се запознаваат со созданијата без запознавање со Бога, зар не сведочат доволно за тоа многубројните самоубиства токму помеѓу оние кои си избрале занает да ја проучуваат природата и човечкиот живот без Бога? О колку многу помеѓу нив се со нервозни, со вознемирени, со помрачени и со безумни души кои само ден или месец ги одвојува од самоубиството! Со познавањето, пак, на Бога, се умножува благодатта и мирот. Тоа го искусил апостолот лично и своето драгоцено искуство го предал на другите.

Ниту благодатта ниту мирот се дарови од земјата, туку се дарови од небото. Тие дарови Бог им ги подарува на оние кои се трудат да го умножуваат своето познавање за Него.

Каков е најбрзиот пат за познавање на Бога, браќа? Несомнено, преку Христа Исуса, нашиот Господ. Он е Откровител и Он е Откровение, Мудрец и Мудрост. учител и наука. Од Него е благодатта, од Него е мирот. Кој го запознава Бога преку познавање на создадените битија во природата и преку законите на природата, како што прават незнабожците, не прави ништо лошо, но оди по заобиколен и тежок пат на кој многумина залутуваат и се губат. Кој го запознава Бога преку совеста и човечката судбина, како што прават моралистите, не прави лошо, но и тој оди по заобиколен и тежок пат, та може да заталка и да се изгуби. Но кој ќе го запознае Бога, запознавајќи Го Господа Христа, тој е на најкусиот и најсигурниот пат.

Господи Исусе, помогни ни на патот кон Тебе и кон Твојот Отец и кон Светиот Дух. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

16 ЈУЛИ

1. Свешт-мч. Атиноген еп. Севастиски, во Ерменија. Живеел во еден манастир, близу до градот, со своите 10 ученици. Во времето на Диоклецијан во Севастија дошол некој си Филомарх, жесток мачител на христијаните. И многумина христијани во градот ги затворил и ги убил. Кога го видел Атиногена и неговите ученици, му рекол на старецот да им принесе жртви на идолите за да не погине како што погинале и другите христијани. Атиноген му одговорил: „О мачителу, оние кои ти ги именуваш погинати не се погинати, туку се на небото и ликуваат заедно со ангелите". Чувствителна била глетката кога една срна, која милостивиот Атиноген со својата рака ја хранел, се доближила кон него и кога го видела дека е во беда, солзи пролеала. И горските ѕверови имале повеќе сожалување кон маченициите Христови отколку незнабожците! По тешки мачења, при кои ангел Божји им ги ублажувал маките на маченициите, сите биле обезглавени, прво свештениците и соработниците на Атиноген, а потоа и самиот Атиноген и се преселиле во небесната татковина во 311 година.

2. Св. мч-чка Јулија девица. Родум е од Картагина, од познат род. Кога Персијците ја покориле Картагина, многу народ бил однесен во ропство. И св. Јулија била фатена и заробена, паднала во рацете на некој трговец во Сирија. Тој трговец бил незнабожец. Кога ја видел Јулија дека е христијанка, тој ја советувал повеќе пати да се одрече од Христа и да постане едноверна со него, но Јулија никако на тоа не се согласувала. Бидејќи таа била верна и доверлива во службата, трговецот ја оставил на мир и не ѝ зборувал повеќе за верата. Еднаш трговецот го натоварил бродот со стока, ја зел Јулија со себе и тргнал по морето во далечни краеви заради трговија. Кога дошле на Корзика, било некој незнабожечки празник. Трговецот се придружил на нечистото жртвопринесување, а Јулија останала во лаѓата, плачејќи што толку луѓе живеат во глупава заблуда и не ја познаваат Вистината. Незнабошците дознале за неа, ја извлекле од лаѓата, иако нејзиниот господар на тоа се противел и почнале страшно да ја мачат. „ ги отсекле градите и ги фрлиле на еден камен, а потоа ја распнале на крст, на кој св. Јулија го предала својот дух на Бога. Нејзината смрт им била соопштена преку ангел Божји на монасите на блискиот остров Мар-

гарита (или Горгона) и тие дошле и чесно го погребале телото на маченичката. Многу чуда се пројавиле на гробот на св. Јулија низ вековите, а и таа самата на некои луѓе им се јавувала од оној свет. Чесно пострадала во VI век. По многу години, верниците сакале да изградат нова црква на некое друго место во чест на св. Јулија, бидејќи старата црква била и мала и трошна. Собрале материјал: камен, тули, песок и друго што треба на новото место. Но ноќта спроти денот кога требало да се постави камен–темелник, сиот материјал со невидлива рака бил пренесен до старата црквичка. Во недоумица, луѓето повторно го пренесле материјалот на новото место, но пак се случило истото: материјалот се нашол на старото место покрај старата црква. Ноќните стражари виделе некоја пресветла девојка како на бели волови го пренесува материјалот кон старата црква. Од ова сите разбрале дека св. Јулија не сака да ѝ се гради црква на друго место, па ја урнале старата црква и на тоа исто место ја подигнале новата.

3. Св. 15 000 мч-ци. Биле убиени со меч за верата Христова во Персија.

4. Св. мч. Атиноген. Составувач на вечерната молитва „Светлино тивка", завршил за Христа во оган и се удостоил со вечната слава во царството Божјо.

5. Спомен на Шесте вселенски собори. Овој заеднички спомен на првите шест собори се прави во неделата помеѓу 13 и 19 јули.

РАСУДУВАЊЕ

Вселенските собори се најголемите мегдани за борба на православието со ересите. Под денешната дата Црквата ги споменува првите шест собори заедно, и тоа: Првиот вселенски собор во Никеја во 325 година, со учество на 318 свети отци. Посебно се споменува на 29 мај и во седмата недела по Воскресението. Овој собор ја изобличил Ариевата ерес против Бог Син. Вториот вселенски собор во Цариград во 381 година, со 150 свети отци. Посебно се споменува на 22 мај. Овој собор ја изобличил Македониевата ерес против Бога Светиот Дух. Третиот вселенски собор во Ефес во 431 година, со 200 свети отци. Посебно се споменува на 9 септември. Овој собор ја изобличил Несториевата ерес против Богомајката. Четвртиот вселенски собор во Халкидон во

451 година, со 630 свети отци. Посебно се споменува на 16 јули. Овој собор ја изобличил монофизитската ерес. Петтиот вселенски собор во Цариград во 553 година, со 160 свети отци. Посебно се споменува на 25 јули. Овој собор ја изобличил Оригеновата ерес. Шестиот вселенски собор во Цариград во 691 година со 170 свети отци. Посебно празнување има на 23 јануари. Овој собор ја изобличил монотелитската ерес. Седмиот вселенски собор, пак, кој бил во 878 година со 367 свети отци, овој пат не се споменува, туку само посебно на 11 октомври. Овој собор ја изобличил иконоборната ерес. На овие собори со дејството на Светиот Дух се осудени сите ереси и е објаснета и утврдена православната вера за навек.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното изведување на вода од карпата, во Кадис (IV Мој. 20), и тоа:

1. како Мојсеј по наредба Божја удрил со стапот во карпата, но без вера, и како по Божја волја, потекло вода;

2. како Бог ги казнил Мојсеја и Арона заради маловериeто со тоа што не им дозволил да влезат во Ветената Земја;

3. како со тоа се покажало дека и голем праведник како Мојсеј е склон кон гревот, дека никој од смртните не би се вознесувал со својата добродетел.

БЕСЕДА
за учеството на верните во Божјата природа

Та преку нив да станете учесници во Божјата природа (II Петр. 1:4).

Како може, браќа, смртен човек да има дел во Божјата природа? Како може вечното да се здружи со временото, славното со неславното, негнилежното со гнилежното и чистото со нечистото? Не може без посебни услови. А тие услови апостолот ги споменува, и тоа: еден услов од Божја а вториот од човечка страна. Како услов од Божјата страна тој ги споменува Неговите сили што се потребни за живот и за побожност; а како услов од човечката страна – ако им избе-

гате на телесните желби на овој свет. Бог го исполнил Својот услов и ни ги дал Своите сили, дарувани со познавање на Оној кој нè повикал со слава и со добродетел. Сега на ред е човекот да го исполни својот услов, т.е. запознавајќи го Христа Господа да им избега на телесните желби на овој свет. Господ Христос првин го отворил небото и сите небесни богатства, па тогаш ги повикал луѓето да пристапат и да ги примат тие богатства. Како ги повикал? Дали само со зборови? И со зборови, но не само со зборови, туку и со слава и добродетел: со слава, т.е. со Своето славно воскресение; со добродетел, т.е. со својата чудесна служба и со страдањето. Со тоа Тој нè повикал нас да ги примиме преголемите ветувања, та заради нив да имаме учество во Божјата природа. Но за да би можеле да Го познаеме Христа и да го слушнеме Неговиот повик, претходно мораме да им избегаме на телесните желби на овој свет. Ако ли не им избегаме, тогаш ќе останеме слепи пред Него, пред Неговата слава и добродетел и ќе бидеме глуви пред Неговиот повик.

О браќа, колку е преголема Божјата милост кон нас! Според таа преголема милост Божја, на нас смртните ни се нуди посиновување од бесмртниот и на нас грешните взидување во прославеното Тело на Господа Исуса. Но само под услов што не е ни големо бреме ниту тежок крст.

О Господи Исусе, исполнување на сите ветувања и извору на сите добрини, исцели нè од нашето слепило и од нашата глувост и подај ни сила да им избегаме на телесните желби на овој свет. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

17 ЈУЛИ

1. Св. вмч-чка Марина (Огнена Марија). Родум е од Антиохија Писидиска од незнабожечки родители. Дури во својата 12 година Марина слушнала за Господа Исуса Христа како се овоплотил од Пречистата Дева, како направил многу чуда, примил крстна смрт и славно воскреснал. Нејзиното младо срце се разгорело со љубов кон Господа и дала завет дека никогаш нема се омажи, и уште сакала со сета душа да пострада за Христа и да се крсти во крвта на маченииштвото. Нејзиниот татко ја намразил поради нејзината вера и не ја сметал за ќерка. Царскиот намесник, Олимвриј, дознавајќи од Марина дека таа е христијанка, посакал од неа прво да му биде жена. Кога Марина го одбила тоа, тој ѝ

наредил да им се поклони на идолите, на што св. Марина одговорила: „Нема да се поклонам ниту да им принесам жртви на бездушните и мртви идоли, кои ниту самите себе се познаваат ниту пак знаат дали ние ги чествуваме или ги бесчестиме; не им ја давам на нив онаа чест што Му припаѓа само на мојот Создател“. Тогаш Олимвриј ја ставил на тешки маки, па целата изранувана и крвава ја фрлил во самица. Во самицата Марина се молела на Бога. По молитвата ѝ се јавил првин ѓаволот во вид на страшна змија, која зинала да ја голтне главата на Марина. Но кога таа се прекрстила, змијата се распрснала и исчезнала. Тогаш ја опфатила небесна светлина и нејзе ѝ се присторило дека исчезнале ѕидовите на самицата заедно со покривот, и се појавил крст, блескав и висок, а на врвот на крстот бела гулабица, од која дошол глас: „Радувај се, Марино, разумна гулабице Христова, ќерко на вишниот Сион, оти дојде денот на твојата веселба“. И Марина била исцелена со силата Божја од сите рани и болки. Безумниот судија ја мачел вториот ден во оган и во вода, но Марина сѐ претрпела како во туѓо тело. Најпосле ја осудил на погубување со меч. Пред самата смрт, ѝ се јавил Господ Исус со ангели. Била обезглавена во времето на царот Диоклецијан, но со душата и со силата останала во живот на небесата и на земјата. Една рака на св. Марина се наоѓа во манастирот „Ватопед“ во Св. Гора. Во Албанија, пак, на планината Ланга над Охридското Езеро, се наоѓа манастир посветен на св. Марина со еден дел од нејзините чудотворни мошти. Многубројни чуда се случувале и се случуваат во овој манастир, за кои сведоци се не само христијаните, туку и муслиманите. Толку почитување имале Турците кон оваа светиња што никогаш не сакале да стават рака ниту врз светињата ниту врз имотот на овој манастир. Едно време Турчин бил старател на овој манастир.

2. Преп. Леонид Устнедумски. Овој руски светител уште од младоста се подвизувал во неколку манастири, во соловецкиот, мирожскиот и др. Најпосле основал свој манастир на реката Луза во Волгоградската губернија. Се подвизувал цврсто додека душата не му се исполнила со благодатната светлина и силата на Светиот Дух. Како голем светилник привлекол многумина кон подвижничкиот живот. Наречен е *Устнедумски* затоа што кога еднаш го каснала отровна змија, тој за тоа не сакал ни да мисли ни да зборува и останал жив. Угодувајќи Му на Бога, се претставил мирно

на 17 јули 1653 година. Моштите негови почиваат во неговиот манастир.

РАСУДУВАЊЕ

Додека Христос не ѝ постане на душата сѐ, но токму сѐ, кое што воопшто има некоја непреодна и непроменлива вредност, дотогаш човекот не може да тргне на маки за Христа. Како света Марина, петнаесетгодишно девојче, можела да појде на маки за Христа? Затоа што Христос ѝ бил сѐ, но токму сѐ. Како света Јулита можела да се радува гледајќи го својот тригодишен син Кирик мртов за верата Христова? Повторно: бидејќи Христос ѝ бил сѐ и над сѐ. Еве како свети Тихон Задонски исцрпно зборува за тоа како е Христос за човекот сѐ (во вид на разговор на Христа со човекот). „Сакаш ли за себе добро? Секое добро е во Мене. Сакаш ли блаженство? Секое блаженство е во Мене. Убавина ли сакаш? Што е поубаво од Мене? Благородство ли сакаш? Што е поблагородно од Божјиот Син и од Дева? Височина ли сакаш? Што е повисоко од Царот небесен? Слава ли сакаш? Кој е пославен од Мене? Богатство ли сакаш? Во Мене е секое богатство. Мудрост ли сакаш? Јас сум Божја Мудрост. Пријателство ли сакаш? Кој е пољубезен пријател од Мене, кој си ја положи душата за сите? Сакаш ли помош? Кој може да ти помогне освен Јас? Бараш ли веселба? Кој ќе те развесели надвор од Мене? Бараш ли утеха во бедата? Кој ќе те утеши надвор од Мене? Бараш ли мир? Јас сум душевниот мир. Бараш ли живот? Во Мене е изворот на животот. Бараш ли светлина? Јас сум Светлината на светот“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната бакарна змија во пустината (IV Мој. 21), и тоа:

1. како целиот народ ќе изгинел од каснувањето од змија додека Мојсеј не направил бакарна змија на стапот;

2. како секој што бил каснат од змија, штом ќе погледнел во бакарната змија оздравувал;

3. како бакарната змија го претставува Христа на крстот.

БЕСЕДА
за потребата за повторување и повторување

Поради тоа секогаш ќе се грижам да ви ги напомнувам овие работи, иако ги знаете, и да сте утврдени во сегашната вистина (II Петр. 1:12).

Орачот ора во нивата. Зар не ја повторува орачот секоја минута истата работа? Како инаку би ја изорал нивата, ако од утро до мрак не длаби бразда до бразда?

Патникот чекори по патот. Зар патникот не го повторува секоја секунда истиот труд? Како инаку би го поминал својот пат за да стаса до целта?

Столарот ги обработува штиците во работилницата. Зар столарот не ја повторува истата работа и истиот напор со секоја штица? Како инаку би ги изработил нарачаните предмети од штиците?

Зар сите ваши корисни работи, браќа, не се составени од низа и низа повторувања? Нека не е мрзелив проповедникот на вистината и да не рече: „Им реков и не сакам да повторувам!“ Нека не се погордее слушателот на вистината и да не рече: „Тоа го слушнав еднаш и не треба повеќе да го слушам!“

О проповеднику на вистината, не плаши се да повторуваш и повторуваш: повторно да направиш и повторно да опоменеш. Без повторување ниту нивата се изорува, ниту патот се поминува, ниту предметите се изработуваат. А ти си за тоа: да ораш, да водиш, да изработуваш.

О слушателу на вистината, не возгордувај се и не вели дека еднаш си ја слушнал вистината. Вистината е храна за душата. Ти си јадел леб и денес, и вчера, и завчера и со месеци и со години. И пак ќе го јадеш твоето тело да биде здраво. Храни ја и душата. Храни ја со вистината, со истата вистина и вчера и денес и утре, сè до смртта. Твојата душа да биде здрава, силна и светла.

О Господи Исусе, храни нè нас секој ден и секој час со Твојата вистина – со Тебе, о Исусе, храно преслатка. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

18 ЈУЛИ

1. Св. мч. Емилијан. Во времето на Јулијан Отстапник, во тракискиот град Доростол, живеело едно момче Емилијан, слуга кај градоначалникот. Кога царот почнал со оган и со меч да го уништува христијанството низ Римското царство, дошол царски пратеник и во Доростол за да ги убие христијаните но не нашол ниеден единствен. Израдуван од тоа, тој им направил голема гозба на доростолските граѓани и наредил големо жртвопринесување на идолите и веселба по целиот град и ден и ноќ. Таа ноќ св. Емилијан тргнал по идолските храмови, по плоштадите и улиците на градот и со стап ги искршил сите идоли. Утредента било ужас во градот. Сите го барале разурнувачот на нивните богови. Тоа утро бил фатен еден селанец кој бил виден како поминува покрај храмот. Емилијан, видувајќи дека невин човек ќе страда, си рекол во себеси: „Ако јас го скријам своето дело, тогаш каква корист имам од тоа што го сторив? Нема ли да се најдам пред Бога како убиец на невин човек?“ Се пријавил на царскиот пратеник и признал сѐ. Овој, разлутен, го прашал Емилијан кој го наговорил тоа да го стори. Маченикот Христов одговорил: „Бог и мојата душа ми заповедаа да ги искршам оние мртви столбови што вие ги нарекувате богови“. Тогаш судијата наредил да го камшикуваат. По камшикувањето бил изложен и на други маки, и во оган да го изгорат. Така св. Емилијан го завршил својот земен живот и се преселил во небесниот на 18 јули во 362 година.

2. Преп. Памво. Египќанец и подвижник на горага Нитријска. Современик на св. Антониј Велики и самиот голем во монашките подвизи. Бил познат особено заради две особини: што со долго вежбање го заклучил својот јазик и ниеден излишен збор не изрекол и што никогаш не јадел друг леб, освен оној што тој со своите раце, плетејќи рогозини, го заслужил. Бил сличен на ангел Божји. И лицето во староста му било светло како некогаш на Мојсеја, така што монасите не можеле да го гледаат во лицето. Ниту на најпростото прашање не давал брз одговор, без претходна молитва во срцето и без размислување. Еднаш Александрискиот патријарх Теофил ги посетил монасите во Нитрија. Тогаш монасите го молеле Памва, велејќи му: „Кажи му на отецот збор што радува, кој би му бил од корист“. Молчаливиот Памво одговорил: „Ако моето молчење не му користи,

тогаш ни мојот збор нема да му користи". Еднаш св. Памво патувал со монасите по Египет. Кога поминувале покрај некоја група луѓе, кои седеле кога монасите поминувале покрај нив, св. Памво им се обратил и рекол: „Станете и поздравете ги монасите, од нив благослов да примите, оти тие непрестајно беседат со Бога и устите нивни се свети". Овој прекрасен светител јасно ги предвидувал судбините на луѓето, на живите и на умрените. Се упокоил во Господа во 386 година.

3. Преп. Паисиј и Исаија. Родени браќа, од богат род. И двајцата монаси. Едниот се посветил поради подвиг во пустина, а другиот поради дела на милосрдие кон луѓето. Двајцата ги видел св. Памво во рајот. Со тоа се решил спорот меѓу монасите околу тоа: што е подобро, подвигот или делата на милосрдие. И едното и другото кога се врши во името Христово води во рајот.

4. Преп. Јован многустрадален. Затвореник во пештерата на св. Антониј Киевски. Триесет години бил мачен со блудната страст, против која неотстапно се борел додека не ја победил со помош Божја и со допир до моштите на св. Мојсеј Угрин (види, 26 јули). Победувајќи ја нечистата страст, св. Јован бил осветлен со небесна светлина однатре, со која ноќе можел да гледа како и дење.

РАСУДУВАЊЕ

Што Му е поугодно на Бога: подвигот во пустината или делата на милосрдието? Молитвениците во пустината мислат дека човекот во народот колку и да прави добри дела тешко може да ја зачува чистотата на срцето и умот упатен кон Бога. Добротворите човечки, пак, зборуваат: човекот во пустината е премногу зафатен само со своето спасение и не помага за спасението на другите. Двајца Египќани, двајца родена браќа, Пајсиј и Исаија, наследиле голем имот од родителите, го продале тој имот и секој си ја зел половината од парите. Едниот од нив веднаш ги раздал парите на сиромашните, се замонашил и се повлекол во пустината на подвиг, со трпение, пост и молитва и со очистување на умот од лошите помисли да ја спасува својата душа. Вториот брат, исто така, се замонашил, но не сакал да оди во пустина, туку направил мал манастир во близина на градот, болница за болните, трпеза за гладните и одморалиште за таж-

ните. И целиот се предал на служење на своите ближни. Кога двајцата браќа се упокоиле, настанала расправија помеѓу египетските монаси кој од нив двајцата го исполнил законот Христов? Не можејќи да се согласат, дошле кај св. Памво и него го прашале за тоа. Св. Памво им одговорил: „И двајцата се совршени пред Бога; гостопримецот е сличен на гостољубивиот Аврам, а пустиникот на пророкот св. Илија, и така и двајцата подеднакво Му угодиле на Бога". Но, со овој одговор не биле сите задоволни. Тогаш св. Памво се помолил на Бога за да му ја открие вистината. И по неколкудневна молитва, св. Памво им рекол на монасите: „Пред Бога ви говорам дека ги видов двајцата браќа, Пајсиј и Исаија, заедно во Рајот". Со тоа спорот се разрешил и сите биле задоволни.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното доживување на Валаам (VI Мој. 22), и тоа:

1. како Валаам тргнал да му пророкува на Валак, моавскиот кнез;
2. како на патот се појавил ангел со меч и го попречувал Валаама да оди;
3. како магарицата го видела ангелот пред Валаам и му проговорила на својот господар.

БЕСЕДА
за потсетување на скорешната разделба со телото

Па и право е, додека сум во ова тело, да ве побудувам со напомнување, оти знам дека наскоро ќе го оставам моето тело, како што Господ наш, Исус Христос, ми јави (II Петр. 1: 13–14).

Еве добра опомена на телољупците кои заради телото ја заборавиле својата душа. Телото мора да се отфрли. Колку и скапо да го замислуваме, колку и драгоцености на него да обесиме, колку и да го милуваме и мазниме, ние еден ден мораме да го отфрлиме. О колку е силен и вистинит

овој збор – *да го отфрлиме*. Кога душата ќе се оддели од телото, таа го отфрла телото како непотребно. Кога бродоломниците ќе стигнат до брегот на штица, тие излегуваат на брегот, а ја отфрлаат штицата. Кога ќе надојде пролетта, змијата ја симнува од себе преслеката и ја отфрла. Кога пеперутката ќе излезе од ларвата, таа сè отфрла. Исто така се отфрла и телото кога ќе излезе душата од него. Тоа е неупотребливо и бескорисно, дури и штетно за другите луѓе, тоа се отфрла од куќата, се отфрла од сонцето и се закопува длабоко во земјата. Помислете на ова, о раскошни и накитени, подмолни и алчни!

Додека е душата во телото, таа треба да го искористи телото за свое спасение, покорувајќи се на законот Божји и извршувајќи го делото Божјо. Гледате ли колку е трудољубива душата на апостолот! *Додека сум во ова тело, да ве побудувам со напомнување*. Таа работа му ја дал Бог и тој сака до крај свесно да ја изврши пред да мора да го отфрли телото. Да се потрудиме, браќа, и ние прво да ја примиме апостолската опомена, а потоа и ние да ги опоменуваме останатите, сите останати на кои им посакуваме добро. Брзајќи сите се приближуваме кон брегот на оној свет и брзо се приближува часот кога ќе мораме да го отфрлиме телото и да излеземе со голата душа пред Божјиот Суд. Што ќе одговориме на Божјиот Суд: за какви цели сме ја употребиле во земниот живот машинеријата направена од земја што се вика тело?

О Господи Исусе, праведен Судијо, упати го нашиот ум да мисли за смртта и за Судот. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

19 ЈУЛИ

1. Преп. Макрина. Најстара сестра е на св. Василиј Велики и на св. Григориј Ниски. Како девица рано била свршена за некое благородно момче. Но кога нејзиниот свршеник умрел, Марина дала завет дека никогаш нема да стапи во брак велејќи: „Не е право девојката, свршена за едно момче, да отиде за друг; по природниот закон треба да има едно сопружништво како што е едно раѓањето и една смртта“. Таа уште го оправдувала тоа со верата во воскресението, сметајќи го својот свршеник не за мртов, но за жив во

Бога. „Грев е и срамота е, вели, сопругата да не ја сочува верноста кога сопругот ќе ѝ замине во далечна страна“. Потоа заедно со својата мајка Емилија примила монаштво во еден женски манастир каде се подвизувале со другите инокињи. Живееле од трудот на своите раце, посветувајќи го поголемиот дел од времето на богомислие, на молитва и на непрестајно воздигање на својот ум кон Бога. Со времето умрела мајка ѝ, а потоа и братот Василиј. Деветтиот месец по смртта на Василиј, дошол Григориј да ја посети својата сестра, но ја нашол на претсмртна постела. Пред самата смрт св. Макрина воздигнала молитва кон Господа: „Ти, Господи, ги упокојуваш телата наши со сон на смртта на некое време, па повторно ќе ги разбудиш со последната труба. Опрости ми мене и дај ми кога душата ќе се слече од телесната облека, да застане пред Тебе непорочна и без грев и да биде како темјан пред Тебе“. Потоа со раката направила знак во вид на крст на челото, на очите, на лицето, на срцето и – починала. Се упокоила во Господа во 379 година.

2. Преп. Диј. Родум од Антиохија Сириска, од христијански родители. Во младоста бил научен од богонадахнати мажи на монашкиот живот и подвиг. Откако ја издржал долготрајната и тешка борба со телесната похота, му се дало од Бога голем дар на чудотворство. Во своите молитви најчесто се обраќал на Св. Троица. Творел големи и страшни чуда со силата на својата молитва: така, направил сув стап да раззелени, сув бунар да се наполни со вода, неверен човек го умртвил, па го воскреснал. После некое двократно небесно видение, ја напуштил Антиохија и се преселил во Цариград, каде што во близината на градот го продолжил својот подвиг. Славата за него набргу се раширила, така што и самиот цар Теодосиј Помладиот го посетил за да прими совет од него, а патријархот Атик, со негова согласност, го ракоположил за презвитер. Откако поживеал многу години, тој се подготвил за смртта, се причестил, ги поучил браќата, легнал во постелата и на очи на сите бил мртов. Веста за неговата смрт привлекла многу народ; дошол и патријархот Атик заедно со Антиохискиот патријарх Александар. Но кога сакале да го погребат, тој одеднаш станал како разбуден од сон и рекол: „Ми дарува Бог уште 15 години од овој живот“. И св. Диј поживеал точно уште 15 години, и многумина ги научил на патот на спасението, многумина исцелил, на многумина им помогнал во разни беди и не-

волји, па најпосле ја предал својата душа на Господа, Кому целиот живот верно Му служел. Се упокоил во 430 година, во длабока старост.

3. Спомен на Стефан Високиот, син на св. кнез Лазар српски и кнегињата Милица. Бил заштитник на христијанството на Балканот во најтешките денови и основач на прекрасните задужбини Манасија и Калениќ. После многуте трудови и неволји, завршил на 19 јули 1427 година.

РАСУДУВАЊЕ

Најубавиот украс на една жена е срамежливоста како што е бесрамноста најнеприроден и најнесакан поглед во светот. Чуден пример на женска срамежливост во својот живот покажала св. Макрина. Во младоста ѝ се отворила некоја лута рана на градите. Иако мајка ѝ ја советувала да ја покаже раната на лекарот и да побара лек, Макрина никако на тоа не пристанувала. Таа себе си потполно се посветила на Бога и не можела ни да си ја допушти помислата своето тело да го покажува пред луѓето, па дури ни пред својата мајка. Една ноќ Макрина умилно Му се молела на Бога. Од нејзините очи се лееле солзи во правот пред неа. Со непоколеблива надеж во својот Господ го замесила со прстите правот со солзите и со тоа ја намачкала својата рана. Утредента осамнала здрава. А кога мајката со голема тага влегла да ја види својата ќерка, таа не сакала да ѝ каже дека Господ ја излекувал (од смиреност криејќи го чудото што таа самата го направила преку молитвата), туку ја замолила мајка си, велејќи: „Ќе бидам исцелена мајко моја, ако ти ја ставиш својата десница во моите гради и ако направиш знак во вид на крст на болното место“. Мајката ја ставила својата рака и направила крст на тоа место, но не ја нашла раната, туку само лузна на зараснатата рана. Така св. Макрина го криела своето тело од срамежливост и своето чудотворство заради смирението.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното пророкување на Валаам (IV Мојс. 23–24), и тоа:

1. како Валаам дошол на покана од кнезот Валак да го проколне израилскиот народ;

2. како наместо проколнување Валаам благословувал, упатен на тоа од Божјиот Дух.

3. како Валаам прорекол за Христос, говорејќи: „Ќе излезе ѕвезда од Јакова и ќе се издигне жезол од Израилот".

БЕСЕДА
за апостолската љубов и видовитоста

А ќе се погрижам на ова да се потсетувате секогаш и по мојата смрт (II Петр. 1:15).

Нека се отворат вашите срца, браќа, за да ја примите и да ја разберете оваа голема тајна. Прво апостолот говори дека нема да престане да се грижи да ги побудува верните кон спасоносната вистина на верата, на божествената сила, кои се дадени на луѓето преку Христа Господа и на подготвување на луѓето да ги примат тие божествени сили, бегајќи од телесните желби на овој свет. А сега оди уште подалеку и ветува дека ќе ги опоменува да продолжат и по разделбата, т.е. по излегувањето (овој збор е употребен во грчкиот текст) од овој живот кога ќе го отфрли своето тело. О божествена веро, о утехо, о сладост! Апостолот ветува дека и на оној свет ќе продолжи да се грижи за црквата Божја на земјата, ќе ја продолжи започнатата работа во опоменување на верните, ќе ја продолжи својата љубов кон тие што веруваат во Христа на земјата. О љубов апостолска, толку ближна на љубовта Христова! О видовитост апостолска, на која Божјиот Дух не ја скратува љубовта ни додека човекот уште е завиткан во темната завеса на телото!

Ова ветување апостолот Петар го дал пред скоро две илјади години. Па дали го исполнил? Го исполнил потполно, и тоа не само како што би сакале некои да го протолкуваат, со споменување на верните преку своето напишано послание и преку своите преемници, епископи, туку првенствено преку непрестајното дејство на црквата од оној свет. Многупати се јавил апостол Петар, како и останатите апостоли, кога имало потреба според Божјата промисла да се јави, и ги опоменувал пастирите на црквата и верниците дека треба да ја чуваат вистината и како да го исправат својот

пат на животот. Но и кога не се јавувал да го видат во сон или најаве, тој на таинствен начин, на небото познат, дејствувал и сè уште дејствува за наше спасение.

Животот по смртта на апостолите бил толку јавен како што е јавно сонцето за оние кои имаат очи. Преку нивните молитви нека Господ и на нас ни ги отвори духовните очи за да знаеме каде одиме и што нè чека по смртта.

О Господи Исусе, многумилостив, изведи нè од темнина на светлина, според Твојата милост и според молитвите на Твоите свети апостоли. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

20 ЈУЛИ

1. Св. Пророк Илија. Боговидец, чудотворец, ревнител за верата Божја, св. Илија бил родум од племето Ароново од градот Тесвит, поради што бил наречен Тесвиќанец. Кога се родил Илија, неговиот татко Савах видел ангели Божји околу детето како со оган го повиваат и пламен му даваат да јаде. Тоа било предзнак на огнениот карактер на Илија и неговата од Бога дадена огнена сила. Сета своја младост ја поминал во богомислие и молитва, повлекувајќи се често во пустина во тишина да размислува и да се моли. Во тоа време еврејското царство било разделено на два нееднакви дела: царство Јудино, опфаќајќи само две племиња, Јудиното и Венијаминовото со престолнина во Ерусалим, и царството Израилево, опфаќајќи ги останатите десет племиња со престолнина во Самарија. Со првото царство владееле потомците Соломонови, а со второто потомците на Јеровоам, слугата Соломонов. Најголем судир пророкот Илија имал со израилскиот цар Ахав и со неговата лоша жена Језавела затоа што се поклонувале на идоли и го одвраќале народот да Му служи на единиот и живиот Бог. Притоа Језавела, како Сиријка, уште го наговорила мажот, та му подигнал храм на сирискиот бог Ваал и одредил многу свештеници на служба на тој лажен бог. Со големи чуда Илија ја докажал силата и власта Божја: тој го затворил небото, та немало дожд три години и шест месеци; спуштил оган од небото и Му запалил жртва на својот Бог, додека жреците Ваалови тоа не можеле да го сторат; пуштил дожд од небото со својата молитва; чудесно го умножил брашното и маслото во куќата на вдовицата во Сарепта и ѝ го воскреснал умрениот

син; му прорекол на Ахав дека кучиња ќе му ја лижат крвта и на Језавела дека кучиња ќе ја изедат, што и се случило; и многу други чуда и случки направил и прорекол. На планината Хорив разговарал со Бога и го чул гласот Божји во вид на тивко светло ветренце. Пред смртта, го зел Елисеја и го одредил за наследник во пророчкиот повик; со својата наметка ја разделил водата вореката Јордан и најпосле се вознесол на небото во огнена кочија со огнени коњи. На горага Тавор се јавил заедно со Мојсеј на нашиот Господ Исус Христос. Пред крајот на светот, Илија повторно ќе се јави да ја поништи силата на Антихристот (Откр. 11)[11]).

2. Св. Илија патријарх Ерусалимски и св. Флавијан патријарх Антиохиски. Големи ревнители на верата и бранители на православието. Двајцата умреле во прогонство, каде што ги изгонил еретичкиот цар Анастасиј. Точно ја предвиделе својата смрт и смртта на царот Анастасиј. Истовремено си пишувале еден на друг од оддалечени места: „Царот Анастасиј денес умре, да појдеме и ние на Судот Божји со него“. И по два дена двајцата светители се упокоиле во 518 година.

---

[11]) Во грчкиот *Синаксар* стои опишано следново чудо на св. пророк Илија. Некој Пајсиј, игумен на манастирот 'Св. пророк Илија" во Ерусалим, дојде во Цариград и од Цариград отиде до Белград во времето кога таму пастирствуваше патријархот Пајсиј. Во тоа време во Белград живееше еден православен христијанин, на кого жената му беше од латинската црква. На денот на св. Илија жената сакаше да замеси леб, а мажот ѝ рече: „Денес е празник на пророкот Илија и не треба да се работи“. Но жената му одговори дека тој празник поминал пред 10 дена (според календарот на папистите). И така настана караница помеѓу нив. Упорната жена го замеси тестото, но гледај чудо! Тестото во нејзините раце се претвори во камен. На тоа чудо се собраа соседите и секој си зеде по еден дел од тој камен. И Пајсиј се погоди тука, па и тој зеде еден дел од каменот како сведоштво на чудото Божјо и го однесе со себе во Ерусалим. Тоа камче Пајсиј го закачи пред иконата на св. пророк Илија во својот манастир (*Синаксарот* се повикува на 12. книга на Доситеј, глава 2, параграф 2, страница 1192).

РАСУДУВАЊЕ

Пишувајќи за животот на својата сестра св. Макрина, св. Григориј Ниски се плашел да ги набројува нејзините чуда, велејќи: „За да не бидам виновен за гревот на неверувањето на немоќните луѓе". Тој ги нарекува немоќни оние кои не веруваат. И навистина, ништо понемоќно нема од човек без вера. Безверникот верува во силата на мртвите предмети и мртвите природни стихии, но не верува во Божјата сила ниту во силата на Божјите луѓе. Тоа е духовна заостанатост, и се споредува со духовната смрт. И така, живите души веруваат, а мртвите не веруваат. Живите души веруваат во силните чуда на пророкот Илија; нив тие чуда ги радуваат и ги храбрат, бидејќи тие знаат дека тоа е пројава на силата Божја. Кога Бог ја пројавува својата моќ преку мртвите предмети и стихии, како да не ја пројавува низ живите и свети луѓе. Она што посебно ги радува верниците е тоа што пророкот Илија се јавил жив на гората Тавор за време на Преображението Господово. Додека живеел на земјата, овој голем пророк давал докази за постоењето на едниот и живиот Бог, а по смртта, и тоа по неколку стотини години, со својата појава на Тавор им дал на луѓето јавен доказ за животот после смртта.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната Божја моќ во војните на Израилот (V Мој. 2–3), и тоа:

1. како Мојсеј ги победил незнабожечките цареви Сион Аморејски и Ог Васански, бидејќи Бог им предвидел пропаст;

2. како Мојсеј не можел да ја земе земјата моавска, бидејќи Бог не сакал заради потомството на праведниот Лот;

3. како воопшто победите и поразите во војните не бидуваат без Божјото допуштање.

БЕСЕДА
за личното сведоштво на апостолите

„Овој е Мојо̄т возљубен Син во Ко̄го е Мое̄то бла̄говоление". И ѿој ̄глас, ш̄то дојде од небо̄то, ние ̄го чувме ко̄га бевме со Не̄го на Свеѿа̄та ̄гора (II Петр. 1: 17–18).

Да ги чуеме сведоците на верниот и вистинскиот, Кој бил распнат на крст заради своето сведоштво. Да го чуеме апостолот Петар, кој не можел со зборови да ја докаже својата крвава смрт на крстот, распнат наопаку од незнабожците. Тој сведочи дека бил на Светата Гора, т.е. на Таворската Гора, кога се слушнал глас од небото: *Овој е Мојо̄т возљубен Син во Ко̄го е Мое̄то бла̄говоление.* На ова место апостолот не кажува што виделе тој и неговите другари на Светата Гора – тоа е кажано во ***Еван̄гелие̄то***, туку го повторува само тоа што го слушнале. Тоа што го слушнале е, исто така, важно како и она што го виделе. Нека чујат, значи, народите дека апостолите го виделе Господа Исуса преобразен во чудна небесна светлина и нека знаат дека Тој е Син Божји. Уште, нека чујат народите дека апостолите ги виделе живи Мојсеја и Илија и нека знаат дека постои живот после смртта и дека постои Суд Божји. Уште нека чујат дека Господ Исус е наречен Син Божји, не од луѓето, туку од самиот Бог Отец. Верни се и вистински сведоците кои ова го кажале на народите и го соопштиле она што нивните очи го виделе и нивните уши го слушнале. Кој не им верува на апостолите, тој му верува на Јуда, на Кајафа, на Ирода и на Нерона, гонителите на апостолите и предавниците на вистината. Кој не им верува на праведниците, со тоа не му останува ништо друго, туку да им поверува на неправедните. Кој не им верува на чистите, тој мора да им поверува на нечистите. Кој не им верува на страдалниците за вистината, тој мора да им поверува на мачителите и на развратниците. Секој ден не осамнува за друго нешто, туку луѓето да се определат за едните или за другите.

О Господи Спасителу и Просветителу наш, просвети ги нашите души со Твоите свети зборови за кои Твоите апостоли пострадале. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

21 ЈУЛИ

1. Св. пророк Језекиил. Син на свештеник, од градот Сарир. Бил одведен во ропство во Вавилон заедно со царот Јехониј и со многу други Израелци. Језекиил, живеејќи во ропство, пророкувал цели 27 години. Бил современик на пророкот Еремија. И додека Еремија учел и пророкувал во Ерусалим, Језекиил учел и пророкувал во Вавилон. Пророштвата на Еремија биле дознавани во Вавилон, а пророштвата на Језекиил биле дознавани во Ерусалим. И двајцата свети мажи еден со друг се согласувале со своите пророштва. И двајцата биле озлобувани и мачени од неверниот еврејски род. Страшни и нечуени виденија имал св. Језекиил. При реката Ховар го видел небото отворено; и оган и блескање, и четири животни како растопен бакар. Едното животно имало човечки лик, другото лавовски, третото телешки, четвртото орловски. Лицето човечко Го означува Господа воплотениот како човек, лицето лавовско Неговото Божество, лицето телешко Неговата жртва, лицето орловско Неговото воскресение и вознесение. Во друга прилика му се покажала сликата на воскресението на мртвите. Имено, пророкот видел долина полна со мртовечки суви коски и кога духот Божји слегол врз нив, сите мртовци оживеале и застанале на своите нозе. Уште ја видел најстрашната пропаст на Ерусалим кога гневот Божји ги покосил сите, освен оние кои од порано биле обележани со грчкиот знак Тав, а тој знак е како нашата буква Т, што пак е знак на крстот. Злобата еврејска не го поштедила ни овој свет маж. Огорчени биле на него затоа што ги изобличувал, Евреите го врзале за опашките на коњите и го растргнале. Бил погребан во истата гробница каде и Сим, синот на Ное.

2. Преп. Симеон и Јован. Двајцата млади луѓе го оставиле домот и своите роднини, и тоа: Симеон старата мајка, а Јован младата сопруга, примиле монаштво од игуменот Никон во манастирот на св. Герасим и се оддалечиле во пустина каде што во најтешки подвизи проживеале многу години. Со безбројните подвизи ги умртвиле своите тела и изгледале како две суви дрва. Еден ден Симеон му рекол на Јована дека по наредба Божја тој мора од пустината да отиде меѓу народот и таму да Му послужи на Бога. Јован му дал вакви совети: „Чувај го срцето свое од сè што ќе видиш во светот. До што ќе се допре раката твоја, нека не се допре

срцето твое. Кога устата ќе јаде, срцето нека не се наследува. Кога нозете ќе чекорат, негувај мир внатре во себе. И било што надворешно да правиш, умот твој нека биде смирен. Моли се на Бога за мене, за Бог да не нè раздели еден од друг во идниот живот". Свети Симеон го примил советот од својот другар, го целивал, а потоа ја напуштил пустината и отишол меѓу народот како безумен за да ги научи луѓето и да ги обрати кон верата Христова. Се правел луд пред луѓето, но срцето му било храм на Светиот Дух, а во тој храм непрестајна молитва. Имал обилна благодат Божја, та ги знаел сите човечки тајни наблизу и надалеку, ги исцелувал луѓето од злите духови и од други слабости. Играјќи по улиците како луд, тој им приоѓал на луѓето и им ги шепнувал на уво гревовите нивни, повикувајќи ги на покајание. Дури и на сон им се јавувал на грешниците, ги укорувал за гревовите и ги повикувал на покајание. Така, на некој незнабожечки актер Балија, кој јавно ги исмевал христијанските светињи, св. Симеон му се јавил во сонот, го укорил и му се заканил, та овој се покајал и постанал добар христијанин. Некое блудно момче од умот се симнало поради блуд. Св. Симеон, видувајќи го како лудува, го удрил со раката по образот и му рекол: „Не прави прељуба!" Во тој час нечистиот демон излегол од момчето и тоа постанало здраво.

РАСУДУВАЊЕ

Заради полза на своите ближни, св. Симеон ги оставил својот единствен пријател во светот и својата тивка келија во пустината и се преправил јуродив (безумен). Се раскажува за Ликург, кралот спартански како извршил голема жртва заради полза на своите сограѓани. Имено, тој издал строги закони, востановувајќи нов систем за воспитување на младината и нов поредок во државата. Па кога ги издал тие закони, тој им рекол на своите сограѓани дека сака да оди во Делфи, каде што имало големо светилиште, но побарал сите да му се заколнат дека верно ќе ги одржуваат неговите закони до неговото враќање. Кога сите граѓани положиле заклетва, Ликург ја оставил својата земја и повеќе никогаш не се вратил. Голема е жртвата да се остави својата татковина и доброволно да се живее во туѓина заради корист на своите ближни. Но колку е поголема жртвата да се остави својот ум и постојано да се преправа пред луѓето ка-

ко безумен! Зар безумието не е најголема туѓина? И да се живее во таа страшна туѓина години и години, и тоа сѐ заради полза на своите ближни.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното преминување на Израилот преку реката Јордан (Ису. 3), и тоа:

1. како според силата Божја, а преку Исуса Навин, водата во Јордан се разделила, а свештениците со народот преминале;

2. како свештениците со ковчегот на Заветот, во времето додека народот преминувал, стоеле на суво во средината на Јордан;

3. како и јас не треба да се плашам од поплавите на овој свет сѐ додека во средината на ова битие, т.е. во срцето го чувам цврсто заветот Господов.

БЕСЕДА
за лажните учители

...Како што и меѓу вас ќе има лажни учители коишто ќе внесат погубни ереси и откако ќе се одречат од Господа, Кој ги откупил, ќе навлечат врз себеси брза погибел (II Петр. 2:1)

Човекот на овој свет е во војна. Борбата е непрестајна, а непријателите се многубројни. Помеѓу најопасните непријатели спаѓаат лажните учители. Само ако човечкиот ум е вперен во Бога, човекот ќе биде сочуван од овие опасни непријатели. Лажните учители се или слепци или се како разбојници; првите заради своето слепило ги водат во пропаст и себеси и другите, вторите заради завист намерно ги заведуваат другите на крив пат за да им ги предадат душата и телото на пеколниот оган. Самиот Господ прорекол: *Многу лажни пророци ќе се појават и ќе прелажат мнозина* (Мт. 24:11). Апостолот сам ги потврдува зборовите на својот Господ. И лажните пророци и лажните учители ќе сеат семе на погибел во народите. Тоа се ереси на погибелот со

кои некои ќе се одречуваат од господарот кој ги искупил луѓето со Својата пречиста крв. Многу лажни учители веќе се појавиле и многу ереси како кукол се посеани по светот. Ако ги знаете, браќа, оние ереси на погибел кои светите отци на соборите ги осудиле, тогаш ќе знаете да го распознавате, главно, семето на отровот што ѓаволот преку своите служители го посеал на нивата, по која Спасителот сеел чиста пченица. Но, ако знаете, и, ако не знаете, вперете го својот ум кон Господа, оградете се со знакот на крстот, повикајте ја на помош светата Пречиста како и Божјите угодници, а посебно својот ангел–чувар и не плашете се. Притоа секогаш прашувајте ја Црквата, и таа како многу искусна и против сите лаги победоносна, ќе ви ја каже вистината. Бидејќи вие сте од вчера, а Црквата е од многу одамна. Вашиот ум е многу помал од умот на Црквата.

О Господи Исусе, Ти си единствен пат, единствена вистина и единствен живот. Не давај, Господи, да се поведеме по лажни учители и да отстапиме од Тебе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

22 ЈУЛИ

1. Св. Марија Магдалена. Мироносица рамна на апостолите. Родум од местото Магдала, на брегот на Генисаретското Езеро, од племето Исахарово. Била мачена од седум зли духови, од кои ја ослободил Господ Исус и ја оздравил. Била верна следбеничка и служителка Господова за време на Неговиот земен живот. Под Крстот на Голгота стоела и Магдалена и горко тагувала заедно со Пресвета Богородица. По смртта на Господа, таа трипати го посетила Неговиот гроб. А кога Господ воскреснал, таа двапати Го видела: еднаш самата, а вториот пат со останатите жени мироносици. Патувала во Рим; излегла пред кесарот Тибериј и, предавајќи му јајце, црвено обоено, го поздравила со зборовите: *„Христос воскресна!“* Во исто време пред кесарот го обвинила Пилата за неговата неправедна осуда на Господ Исус Христос. Нејзината тужба кесарот ја примил и Пилата го преместил од Ерусалим во Галија, каде што овој неправеден судија во царска немилост и во тешка болест го завршил животот. Потоа се вратила од Рим во Ефес кај свети Јован Богослов, на кого му помагала во делото за проповед на

Еванѓелието. Со голема љубов кон воскреснатиот Господ и со голема ревност таа му го јавувала ***Еванѓелието*** на светот како вистински Христов апостол. Завршила мирно во Ефес и била погребана, според преданието, во онаа иста пештера во која и седумте момчиња, кои за големо чудо спиеле стотици години, па потоа оживеани, и пак повторно умрени (види, 4 август). Моштите на св. Магдалена подоцна се пренесени во Цариград. Близу до Гетсиманската Градина се наоѓа прекрасен руски храм посветен на св. Марија Магдалена.

2. Свешт-мч. Фока. Преносот на неговите свети мошти од Понт во Цариград е околу 404 година. Главното празнување на овој светител е на 22 септември каде што е и опишан неговиот живот и неговото страдање. Уште во денешниот ден се споменува и едно чудо на овој светител. Некој човек, Понтин, бил фатен од Арапите. Арапите го оковале, му ги врзале рацете на грбот и така го оставиле да умре. Лежејќи мешечки на земја и не можејќи да се помрдне, Понтин повикал: „Свети маченику Фока, помилуј ме и спаси ме!“ Изрекувајќи го тоа, тој заспал и во сонот го видел светителот Фока како му се доближува, го допрел со раката и му рекол: „Ти опростува Господ Исус Христос!“ Кога човекот се разбудил, се нашол слободен и разрешен од сите вериги. Станал и отишол во својот дом и го зел денот на св. Фока за своја домашна слава.

3. Преп. Корнилиј Перејаславски. Во 15. година се замонашил од старецот Павле. Подоцна се повлекол во пустина на молчание. Поминал 30 години во молчење, не зборувајќи со никого ни збор така што многумина го сметале за нем. Со пост себе си така се исушил што личел на скелет. Пред смртта, примил схима и се упокоил на 22 јули 1693 година.

4. Св. мч-чка Маркела. На островот Хиос оваа светителка ужива огромно почитување. Во нејзината црква преку целата година се случуваат чуда. Но нејзиното житие е непознато. По преданието, Маркела била многу побожна девојка која рано останала без мајка. Нејзиниот незнабожечки и ѕверски татко сакал да живее со ќерка си како со жена. Маркела побегнала од татка си. Но овој, разбеснет како вистински ѕвер, ја стасал, па ја исекол на парчиња. Близу до храмот нејзин се наоѓаат камења, кои повремено се како со крв полиени. Тие камења народот ги зема, ги носи в црква,

се моли на св. Маркела, па ги става на болните, кои од тоа оздравуваат.

РАСУДУВАЊЕ

Блажени се тие што плачат, рекол Господ. Блазе им на оние кои плачат барајќи царство Божјо. Блазе на оние кои плачат страдајќи за верата Христова. Блазе на оние кои плачат каејќи се за своите гревови. Вистинското покајание не може да биде без солзи. Со што ќе ги измиеме своите гревови, ако не со солзи или со крв (маченичка крв). Нитриските монаси му испратиле една молба на големиот Макариј да дојде кај нив, бидејќи е еден за да не мораат тие сите да одат кај него. Макариј послушал и дошол. Се собрале околу него сите монаси и го замолиле за поучно слово. Заплакал св. Макариј и низ плач рекол: „Браќа нека вашите очи точат солзи пред да одите таму каде што нашите солзи ќе ги горат нашите тела“. Тогаш се расплакале и сите браќа монаси.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното јавување на архангелот на Исус Навин кога тргнал да го освојува Ерихон (Ису. 5), и тоа:

1. како војводата на небесната војска му се јавил на Исуса со гол меч во рацете;
2. како му рекол да ги собуе своите обувки;
3. како и ние во животната борба не треба да се надеваме во своите нозе ниту во својата опрема, туку во Оној кој се бори за нас.

БЕСЕДА
за неподмитливата Божја правда

Зашто Бог, кога не ги поштеди ангелите што згрешија, туку ги турна во пеколот со вериги на маракот (II Петр. 2: 4–6).

Како ќе го поштеди грешниот човек? И кога не го поштеди првиот свет, туку кога нанесе потоп на безбожниот

свет, го зачува само осумчлениот Ное, проповедникот на правдата; и градовите Содом и Гомор ги осуди на разурнување и ги претвори во пепел, како тогаш да те поштеди тебе, грешен човеку? Зар ти си му помил и подрагоцен од милиони ангели, и од толку народи потопени со потопот, и од многуилјадните градови? Па кога ангелите пропаднале во пеколен мрак и народите ги потопил со потоп, и градовите со оган ги изгорел, на што се надеваш ти, грешејќи непрестајно, грешејќи и не отстапувајќи од гревот? Во милоста Божја, велиш? Но зар Бог е помилозлив сега отколку што бил тогаш? Зар Бог се менува како човекот. Не надевај се без мерка, туку според мерката на твојот труд околу поправките на твојот живот нека биде и твојата надеж. Навистина голема е милоста Божја, долготрајна е трпеливоста Божја, безгранична е љубовта Божја. Гледај, Бог тебе повеќе те милува и те љуби отколку ти самиот себеси; и повеќе Он ти посакува спасение отколку ти самиот на себеси; но кој до крај се подбива на милоста Божја, кој до крај се потсмева на трпението Божјо, и кој до крај се противи на љубовта Божја сака ли Бог со сила да го воведе во Своето царство и да го направи сограѓанин на ангелите и на светителите?

О колку е страшен пеколниот мрак, ѕвечкањето на оковите и крцкањето со забите. Тука престојуваат оние кои се подбивале на милоста Божја и се противеле на љубовта Божја. Зар и ти ќе одиш таму, заблудена душо? Бог не сака и ти да одиш таму, ангелите тагуваат што си се упатила таму, светителите се молат да се повратиш; Црквата принесува жртви за тебе за да се вразумиш. Ако сето тоа го презреш, о зар сè ќе презреш? Каква тогаш милост очекуваш од Бога?

О Господи праведен, помогни ни благовремено да се тргнеме од патот кон пеколниот мрак, вразуми нè и поткрепи нè во доброто пред да го испратиш ангелот да ни ја земе душата. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

23 ЈУЛИ

1. Св. мч-ци Трофим и Теофил и уште тринаесет со нив. Пострадале во Ликија во времето на царот Диоклецијан. Бидејќи никако не сакале да се одречат од Христа, ниту да им принесат жртви на идолите, биле ставени на разни ма-

ки: ги толчеле со камења, ги стружеле со остро железо, им ги прекршиле колената и најпосле така измачени и повеќе мртви отколку живи ги фрлиле во оган. Силата Божја ги сочувала неповредени во огнот. Тогаш ги извеле и со меч ги обезглавиле. Но Господ ги прославил и на земјата и во царството Свое небесно. Чесно пострадале во Ликија во 308 година.

2. Свешт-мч. Аполинариј. Ученик на апостол Петар, родум од градот Антиохија. Св. Петар го зел со себе од Антиохија во Рим и таму го ракоположил за епископ на градот Равена. Доаѓајќи во Равена, Аполинариј влегол во домот на некој си војник Иринеј, на кого му го излекувал синот од слепило и преку тоа го обратил целиот негов дом во верата Христова. Исто така, ја исцелил од некоја тешка болест и жената на военоначалникот во Равена, та и целиот негов дом го крстил. По желба на военоначалникот, Аполинариј останал во неговиот дом да живее. Тука направил и една домашна црква. И во тој дом престојувал 12 години, проповедајќи го ***Еванѓелието*** и крштавајќи ги неверните. Од незнабожечките старешини бил жестоко мачен во неколку наврати, но сесилната десница Божја го поддржала и го спасила. Најпосле бил осуден на прогонство во Илирик (на Балканот). Но лаѓата, на која патувал, се искршила од бурата и потонала и од сите патници се спасил само св. Аполинариј со двајца војници и двајца свои клирици. Така чудесно спасени, војниците поверувале во Богот на Аполинариј и се крстиле. Тогаш Аполинариј пошол да го проповеда *Еванѓелието* по целиот Балкан, спуштајќи се до Дунав. Потоа се упатил во Тракија, каде, исто така, под притисок, го проповедал ***Еванѓелието*** Господово. По три години работа на Балканот, бил протеран назад во Италија. Тој дошол во Равена, каде што сите верни необично му се израдувале. Слушнувајќи за ова, незнабожечките старешини му пишале на царот Веспазијан за Аполинариј како за маѓесник и го прашале дали да го предадат на смрт како непријател на нивните богови. На тоа царот одговорил дека не треба да го убиваат, туку само да бараат да им принесе жртва на боговите или од градот да се изгони, оти вели: „Не прилега да се одмаздуваме на некого за боговите, бидејќи тие самите можат да се одмаздуваат на своите непријатели, ако се разгневат“. Но и покрај оваа царска наредба, незнабожците удриле на Аполинарија и со ножеви го избодиле. Од тешките рани овој слуга Божји издивнал и се преселил во царството Божјо. Моштите

од Аполинарија почиваат во Равена, во црквата со неговото име.

РАСУДУВАЊЕ

Големите учители на Црквата се труделе да ги научат луѓето на големите вистини не само со зборови, туку и со очигледни примери. Така, ава Исаија за да ги научи монасите дека нема никој да добие награда од Бога, ако во својот живот не се труди според Бога, ги довел своите ученици до едно гумно каде што еден човек ја собирал извеаната пченица. „Дај ми и мене пченица", му рекол Исаија на човекот. „А дали си и ти жнеел, оче?" „Не" – одговорил старецот. „Па како сакаш да добиеш пченица кога не си жнеел?" На тоа старецот одговорил: „Зар не добива пченица оној што не жнее?" „Не добива", одговорил човекот. Кога го слушнал овој одговор, старецот молчејќи се упатил назад. Кога учениците го замолиле да ја објасни неговата постапка, старецот им рекол: „Јас тоа го направив со намера да ви покажам дека нема да добие награда од Бога оној кој нема да се подвизува".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за страдањето на целиот народ заради гревот на еден човек (Ису. 7), и тоа:

1. како на Израилците им било забрането од Бога да земаат што било од работите на покорените Јерихонци;
2. како еден човек зел нешто од предметите поради што Израилците биле испотепани од Гајаните;
3. како и денес заради газењето на законот Божји од страна на еден страдаат многумина.

БЕСЕДА
за безводните извори

Тие се безводни извори, облаци и магли, од бура разнесувани; за нив е запазен мракот на темнината за секогаш (II Петр. 2:17).

Нечистите луѓе апостолот ги нарекува безводни извори. *Оние кои одат по телесната нечистотија и не се грижат за раководството и тие што се безобразни и самоволни и не се плашат хулејќи ѝ на славата, туку како неразумни животни... хулат на она што не го разбираат.* О безводни извори што од сите страни се украсувате, но вода не давате. Зошто се нарекувате извори кога од вас ништо не извира, освен жед? О облаци и магли што така се лутите како цел свет да сакате да го потопите кога во вас нема ни капка вода и кога вас еден страшен час Духот Божји ќе ве разбие и во ништо ќе ве развее. Вам не ви е до чистота, затоа се валкате во телесните нечистотии, ниту вам ви е до поредокот, затоа го мразите раководството, ниту вам ви е до образот, затоа сте безобразни; ниту вам ви е до волјата Божја, затоа сте самоволни, ниту ви е до познавање на вистината, затоа му хулите на она што не сте се потрудиле да го разберете. За вас се чува *мракот на темнината засекогаш.* Тоа не е волја Божја, тоа е ваша волја. Тој пат Бог не го одредил, вие самите сте го избрале. Праведен е Бог и нема да погреши, туку ќе му дарува според неговиот грев и според неговото непокаено срце.

Што се, браќа, телесните желби, ако не безводни извори и суви облаци и магли? Каков плод никнува и созрева од нив, освен какол и трње, што не им е потребен дожд? Луѓето со телесни желби се еднакви на своите телесни желби и не се гледаат од нив и ќе бидат осудени според нив.

О Господи, Создателу на нашите души и тела, дај ни ја благодатта на Твојот Свет Дух за да ги зачуваме во чистота и телото и душата и во судниот ден обете, чисти, Создателу, да Ти ги предадеме. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

24 ЈУЛИ

1. Св. мч-чка Христина. Родум е од градот Тир, ќерка на царскиот намесник Урбан, идолопоклоникот. Не се знае од какви причини нејзините родители ѝ го дале тоа име, Христина, но тоа во себе ја криело тајната на нејзиното идно следење на Христа. До својата единаесетта година таа не знаела ништо за Христа. А кога наполнила 11 години, нејзиниот татко, за да ја скрие од светот поради нејзината необична убавина до полнолетната возраст, ѝ го одредил највисокиот кат на една висока кула за таму да живее. Тој ѝ ги пружил сите удобности за живот, ѝ дал робинки на служба и во нејзините одаи поставил идоли сребрени и златни за секојдневно да им принесува жртви. Но на душата на младата Христина ѝ било тесно и мачно во таа идолопоклоничка средина. Гледајќи низ прозорецот дење во Сонцето и во сите убавини на светот, а ноќе во чудесното јато на блескавите ѕвезди, таа по својот природен разум дошла до цврста вера во едниот жив Бог. Милостивиот Бог, видувајќи го нејзиниот копнеж за вистината, ѝ испратил Свој ангел, кој ја покрстил со знак на крст, ја нарекол невеста Христова и потполно ја научил во богопознанието. Тогаш Христина ги искршила сите идоли во своите одаи и со тоа предизвикала жесток гнев кај нејзиниот татко. Татко ѝ ја извел на суд и ја предал на маки, а потоа ја фрлил во темница со намера, утредента да ја исече со меч. Но таа ноќ здрав–жив Урбан ја испуштил душата своја и отишол в гроб пред неговата ќерка. После тоа двајца намесници, Дион и Јулијан, продолжиле да ја измачуваат оваа света девица. Храброста на Христина во трпението и чудата што ги направила со силата Божја, обратиле многу тирски незнабожци во христијанството. За време на мачењето на Христина, Дион одеднаш паднал мртов среде народот. Неговиот наследник Јулијан ѝ ги отсекол градите и јазикот на Христина. Маченичката го зела својот јазик со рака и му го фрлила в очи на Јулијан. И овој наеднаш ослепел. Најпосле, нејзините маки за Христа завршиле со смрт под остриот меч, а нејзиниот живот се продолжил во бесмртното царство ангелско. Светата Христина чесно пострадала во III век.

2. Преп. Поликарп игумен Печерски. Имал „љубов кон Бога и кон ближните, радост заради непорочната совест, мир заради победата на сите страсти, долготрпение при маките и бедите, благост во покорноста кон сите, милосрдие

кон сиромашните, вера без сомнеж во извршувањето на заповедите, вистина во исполнувањето на заветот, кроткост во непознавањето на гневот, воздржливост итн.“ Така добро управувал со лаврата Киево–печерска, што по смртта не можело да се најде достоен наследник меѓу монасите (оти и оние кои биле достојни од смирение не сакале да примат игуменство), та браќата биле принудени да го земат од светот за игумен свештеникот Василиј. Св. Поликарп се упокоил во Господа во 1182 година.

РАСУДУВАЊЕ

Христовата вера најмногу ја осветлува душата на човекот тогаш кога проповедниците на таа вера светат со својот живот. Блажен Поликарп, игуменот Печерски бил сиот осветлен со верата Христова и во зборовите, и во делата, и во целата своја личност. Со тоа тој необично влијаел не само на простиот народ, туку и на кнезовите и на велможите. Кога го слушнал и кога го видел својот Божји човек, киевскиот кнез Ростислав Метиславич така се осветлил со верата Христова, и така се припитомил и се облагородил што постанал пример и за својата блиска околина и за целиот свој народ. Со чесен пост се причестувал кнезот Ростислав секоја недела и на сите страни барал бедни и неволни и им помагал. Најпосле се решил да прими монашки чин и за тоа тој му зборувал на св. Поликарп: „Свети оче, кнежевството во овој свет не може да биде без грев и веќе ми огорчи и ми се здодеа“. Поликарп му одговорил: „Ако ова (монашкиот чин) го сакаш од срце, нека биде волјата Божја“. Еднаш, кога бил во Смоленска, кнезот се разболел дури до смрт, па наредил брзо да го однесат во Киев пред смртта да се замонаши. Но завршил пред да му се исполни неговата желба.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната победа на Израилците над Гајаните (Ису. 8), и тоа:

1. како Гајаните ги спотерале Израилците и без малку не ги победиле;

2. како според заповед Божја Исус Навин го подигнал знамето високо и го држел подигнато сè додека Гајаните не биле истепани;

3. како и јас во опасност треба да го воздигнам срцето кон Бога како знаме и со крстот на срцето и со молитва да чекорам кон победата.

БЕСЕДА
за светата апостолска опомена

Зашто, говорејќи лажни зборови, ги мамат на телесни похоти и нечистотија оние кои од скоро време се оттргнале (II Петр. 2:18).

Светиот апостол ги познава луѓето подобро од најучените книжевници, бидејќи тој е светител и апостол. А светителот и апостолот проникнува длабоко во човечкото срце. За кого зборува апостолот овде? За нечистите, безобразните и самоволните, кои порано апостолот ги нарекол безводни извори и облаци и магла. Нечистите, безобразните и самоволните се многу зборливи и красноречиви. Тие на луѓето им кажуваа горделиви и лажни зборови. Со тие горделиви и лажни зборови тие го кријат и го објавуваат своето срце, го кријат за неуките и неразумните, а го објавуваат за утврдените во верата и осветлените со благодат.

Кога нечистиот говори за својата чистота, со тоа тој ја објавува својата нечистотија; кога безобразниот го брани својот образ, со тоа тој ја открива својата безобразност; кога самоволниот ја толкува волјата Божја, со тоа тој го покажува своето самоволие. Кој ги следи внимателно неговите зборови, може да ја почувствува смрдеата на телесните желби. Но невнимателните и неуките не можат да ја осетат таа смрдеа, туку почнуваат да веруваат и се прелажуваат. Тие од скоро почнале да бегаат од измамата на храната, светот, ѓаволот, да се фаќаат со горделиви и лажни зборови како риба во невидлива мрежа. Рибата не знае дека е во мрежата сè додека таа не се извлече на жешката песок. Тогаш знае, но веќе е доцна. О да не биде доцна и за оние кутри човечки души што се фаќаат во мрежата на горделивите и лажни зборови! Знајте, браќа, дека е лажен секој оној учител кој со

својата наука ги одобрува телесните желби и ги поткрепува грешниците во телесните желби.

Господи Исусе, свет и пречист, испрати ги Твоите ангели да ги одбранат сите почетници во Твојата вера од горделивите и лажливите усти. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

25 ЈУЛИ

1. Св. Ана. Мајката на Пресвета Богородица. Денес се празнува нејзиното успение, но нејзиниот главен празник е на 9 септември, под која дата е напишана и нејзината служба и житието. Ана била од коленото на Левиј, ќерка на Матан свештеникот. После долгиот и богоугоден живот, се упокоила во длабока старост.

2. Св. Олимпијада ѓакониса. Родена е во Цариград од многу познати родители. Нејзиниот татко Анисиј Секунд бил сенатор, а мајка ѝ била ќерка на славниот големец Евлавиј, којшто се споменува во житието на св. Никола Чудотворец. Кога пораснала Олимпијада, била свршена за некој големец, кој умрел пред венчавањето со оваа чесна девица. Залудно и царот и останатите роднини ја убедувале Олимпијада да се омажи за друг, но таа не сакала никако, туку се предала на богоугоден живот, правејќи од наследениот имот големи жртви за црквите и милостини за бедните. Служела при храмот како ѓакониса прво за време на патријархот Нектариј, а по неговата смрт, во времето на св. Јован Златоуст. Кога Златоустиот отишол во прогонство, тој ја советувал Олимпијада да остане при храмот како и порано и да ѝ служи на црквата, било кој да биде патријарх после него. Но веднаш по изгонувањето на овој светител, некој ја запалил големата црква. Пожарот зафатил многу познати градби во престолнината. Непријателите на Златоустиот ја обвиниле оваа света жена за злонамерно палење. Олимпијада била прогонета од Цариград во Никомидија, каде што се упокоила во 410 година, оставајќи аманет нејзиното тело да ѝ се стави во сандак и да се фрли во морето, па каде што водата ќе го исфрли, таму и да се погреба. Сандакот бил исфрлен во местото Врохти, каде што имало црква на апостол Тома. Големи исцелителни чуда се пројавиле низ вековите од нејзините мошти. Изгонетиот Златоуст ѝ пишувал на Олимпи-

јада прекрасни писма, кои и денес можат да им послужат како голема утеха на сите оние кои страдаат заради правдата Божја. Помеѓу останатото, Златоуст ѝ пишувал на Олимпијада: „Сега сум многу радосен не само поради тоа што ти се избави од болеста, туку уште повеќе поради тоа што така благородно ги поднесуваш сите неволји, нарекувајќи ги трошки, што ѝ е својствено на душата што е полна со сила и е изобилна во плодовите на машкоста. Оти тоа што ти, не само благородно ја поднесуваш несреќата, туку дури и не ја забележуваш кога таа ќе наиде, и тоа без напор, без труд и неспокојство, дури и не соопштувајќи им ја на другите, но ликувајќи и торжествувајќи – тоа служи како доказ на најголема мудрост“ (Писмо 6).

До нас стасале 17 Златоустови писма до Олимпијада.

3. Преп. Евпраксија девица. Била ќерка на цариградскиот големец Антигон и роднина на царот Теодосиј Велики. Со својата мајка, која била млада вдовица, се преселиле во Египет и таму ги посетувале манастирите, давајќи прилози и молејќи се на Бога. Седумгодишната Евпраксија по своја огнена желба се замонашила во еден женски манастир. Како што растела, така сè потешки подвизи на себе си наложувала. Еднаш постела 40 дена. Се упокоила во 413 година, во својата 30 година. Имала голема благодат Божја и исцелувала најтешки болести.

4. Спомен на Петтиот вселенски собор. Овој Собор се одржал во Цариград за време на царот Јустинијан Велики, во 553 година. На овој собор биле осудени сите ереси на монофизитите, како и еретичките дела на Теодор Мопсуетски, Теодорит Кирски и на Ориген (учењето против воскресението на мртвите).

РАСУДУВАЊЕ

Како шѿо е девсѿвоѿо подобро од бракоѿ, ѿака е ѿрвиоѿ брак подобар од вѿориоѿ. Така ѝ напишал св. Јован Златоуст на младата вдовица, жена на цариградскиот благородник Тирасиј, советувајќи ја да не стапува во втор брак. Првиот брак Црквата го благословува со радост, а вториот со тага. Евпраксија постарата, мајка на св. Евпраксија и роднина на царот Теодосиј Велики, останала млада вдовица по смртта на нејзиниот маж Антигон, со кого во телесна врска поживеала само две години и три месеци и уште една

година, според договорениот завет, поживеале како брат и сестра. Царот и царицата ја советувале да стапи во брак со некој друг големец. Но таа не сакала ни да слушне, туку ја зела својата ќеркичка Евпраксија и со неа се преселила во Египет. А што да кажеме за св. Олимпијада и за св. Евпраксија помладата? Како и св. Макрина, така и овие две биле само свршени како девици, па кога свршениците им умреле, тие себеси се сметале за вдовици и не сакале ни во своите мисли да дозволат да стапат во брак. Каква чистота на срцето! Каква верност на еден свршеник! Каков страв од Бога! Каква јасна вера во идниот живот во којшто свршеницата се надева дека ќе го види својот свршеник!

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното застанување на Сонцето и на Месечината (Ису. 10), и тоа:

1. како Исус Навин за да ја заврши победата над Гаваните, им заповедал на Сонцето и на Месечината да го запрат својот тек;
2. како Бог го слушнал гласот на праведниот човек и со Својата сила ги запрел Сонцето и Месечината;
3. како Бог ја создал природата да му служи на човекот и како Бог извршува според волјата на праведникот.

БЕСЕДА
за робовите кои проповедаат слобода

Им ветуваат слобода кога тие самите се робови на развратот, зашто кога некој некого победува тој и го поробува (II Петр. 2:19).

Сè уште апостолот зборува за нечистите, безобразните и самоволните, опоменувајќи ги верниците да се вардат од нивното заведување со горделиви и лажни зборови. Прво рекол за нив дека хулат на славата Божја, второ дека прелажуваат на нечистотија со телесните желби, а сега, пак, говори како тие ветуваат слобода, т.е. ветуваат нешто што и самите тие го немаат, бидејќи надвладеани со нечисти страсти

тие се робови на своите страсти, покорни робови на најгрозните тирани на овој свет. О браќа мои, колку ни се современи овие апостолски зборови, пишувани пред деветнаесет века! Погледнете, како секаде околу нас, распламтени говорат за слободата оние кои немаат ни малку слобода! Чујте го повикот на очајните робови на страстите и пороците, како излажаните лажат и ослепените проповедаат светлина! Страстите се ткиво на мрежата исткаена од ѓаволот со неа да ги лови луѓето. Фатени во таа мрежа тие ги нарекуваат другите луѓе робови, а себе си слободни, на потсмев на ѓаволот, кој молчејќи ја собира мрежата и ја привлекува кон својот брег. О браќа, чувајте се од оние очајници кои себе си се нарекуваат весници на слободата, а му служат денонокно на својот господар – ѓаволот. Својата немаштија тие ја нарекуваат богатство и туѓото богатство го нарекуваат сиромаштија како што безумниот го нарекува целиот свет безумен, а себе си умен. Така и тие, најнеслободните, ги нарекуваат другите неслободни. И службата на Бога и на ближните, според љубовта, тие ја нарекуваат робување, додека службата на ѓаволот ја нарекуваат слобода. Тоа се пакосници на Бога и на луѓето како што и самиот ѓавол е пакосник на Бога и на луѓето. Кога и да слушнете дека некој ви зборува за слобода, првин добро проверете дали тој не е роб на некоја страст или на некој порок. По нечистиот живот, по безобразноста и по самоволието ќе ги познаете лажните учители на слободата. За тоа ве опоменува апостолот.

О Господи, единствен дародавецу на вистинската слобода, сочувај нè од мрежата на сите пакосници, Твои и наши. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

26 ЈУЛИ

1. Свешт-мч. Ермолај свештеник никомидиски. Во времето на царот Максимијан и тој бил со оние 2000 маченици што ги осудил царот да бидат запалени во црквата заедно со црквата (види, 28 декември). Во таа прилика Ермолај некако ја избегнал смртта заедно со други двајца свештеници, Ермип и Ермократ. Ермолај го крстил св. Пантелејмон со кого бил изведен пред суд, бил мачен и најпосле со меч бил обезглавен. Со нив пострадале и Ермип и Ермо-

крат, и сите биле овенчани со венец на победа и слава во царството Христово. Чесно пострадале околу 304 година.

2. Преп. мч-чка Параскева. Родена во Рим од христијански родители и од детство научена на верата Христова. Св. Параскева со голема усрдност се грижела на дело да ги исполни сите Божји заповеди. Верувајќи цврсто и живеејќи според својата вера, таа ги упатувала и другите на патот со помош на вистинската вера и благочестивиот живот. Кога ѝ умреле родителите, Параскева им го разделила целиот свој имот на бедните, а таа се замонашила. Како монахиња таа со уште поголем жар на ревност ја проповедала верата Христова, не криејќи се од никого, иако во тоа време верата Христова била крваво гонета од римските власти. Злобните Евреи први ја обвиниле св. Параскева поради проповедањето на забранетата вера. И таа била изведена на суд пред царот Антонин. Сите ласкања на царот не помогнале ни најмалку да ја поколебаат во верата оваа слугинка Божја. Тогаш ја ставиле на огнени маки и на главата ѝ ставиле вжештен шлем. Но Господ чудесно ја спасил и таа се избавила и се оддалечила од Рим. И повторно тргнала од град во град да го обраќа тогашниот незнабожечки народ во верата вистинска. Уште во два града била изведувана пред кнезови и судии, и била измачувана за својот Господ, правејќи притоа големи чуда и со силата Божја брзо се оправувала од маките и раните. Незнабожците, како и секогаш, ги припишувале нејзините чуда на магии, а нејзиното оправување на силата и милоста на нивните богови. Еднаш св. Параскева му рекла на кнезот–мачител: *Не ме исцелија твоите богови, кнезу, туку мојот Христос, вистинскиот Бог.* Најпосле некој кнез Тарасиј ја обезглавил со меч. Така славно го завршила својот плоден живот оваа светителка. Нејзините мошти подоцна биле пренесени во Цариград. Чесно пострадала за Христа во II век.

3. Преп. Мојсеј Угрин. Бил на дворот на младиот руски кнез Борис. Па кога безбожниот Свјатополк го убил Бориса, Мојсеј се избавил и избегал во Киев. Но малку подоцна бил одведен од полскиот крал Болеслав како роб во земјата Полска и бил продаден за 1000 златници на некоја млада и агресивна вдовица, жена на еден загинат војвода на Болеслав. Оваа опака жена го навратувала Мојсеја на блуд, но Мојсеј не се дал да биде заведен затоа што дал завет дека ќе живее чисто пред Господа. Таа му предложила брак, но тој тоа го одбил. Скришно, Мојсеј примил монашки чин од

некој светогорец и се појавил пред својата господа во монашко расо. Таа го врзала, па наредила да го тепаат и да му го отсечат тајниот орган. Полни пет години траело тоа неуспешно заведување од страна на таа срамна жена, пет години маки и измачувања! Но, ненадејно, кралот Болеслав загинал во некоја побуна, во која и оваа жена била убиена. Тогаш Мојсеј слободно отишол во Киев, каде што, при светиот Антониј, ѝ се предал на молитвата и безмолвието. Победувајќи ја потполно срамната похота во себе, тој им помагал на многумина да се спасат од неа. И неговите свети мошти им помагале на многумина (види, житие на Јован Многустрадалниот, 8 јули). По десетгодишно безмолвие во пештера св. Мојсеј, се упокоил на 26 јули 1043 година и се преселил во вечното девствено царство Христово.

РАСУДУВАЊЕ

Ниедна страст не се победува без голема борба. Блудната страст отците ја нарекле смрт. Кога блудникот ќе се спаси од блудната страст како да воскреснал од мртвите. Кај оние кои живеат во светот блудната страст се разгорува, главно, од видување, а кај оние кои се подвизуваат во пустината таа страст се разгорува од помисла и вообразување. Света Сара, големата подвижничка ја мачел бесот на блудот цели 30 години. Таа секогаш со молитва го победувала и го гонела од себеси. Еднаш ѝ се јавил смрдливиот бес на блудот во телесен вид и ѝ рекол: „Ме победи, Саро!“ Сара смирено одговорила: „Јас не те победив, туку Господ Христос!“ И од тогаш ја оставила блудната помисла засекогаш. Кога го прашувале св. Пимен како човекот може да се бори против блудниот бес, тој одговорил: „Ако човек го воздржува својот стомак и јазикот, со тоа тој ќе може да владее со себе“. Св. Антониј рекол дека во телото постојат три видови на движења: „Едното е природно, второто е од невоздржување во храната, а третото од демоните“. Други пак, говореле дека блудната похота се засилува уште и од гневот и од гордоста. Но сите се согласни во тоа дека покрај човечката трезвеност и трудот, неопходна е и Божјата помош за потполно да се искорени оваа одвратна страст. А дека човекот може да се одржи во чистотија, помеѓу многу други, сведочи и св. Мојсеј Угрин, кој проживеал 50 години во светот и

10 години во манастирот, сѐ заедно 60 години во потполна девствена чистотија.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната победа над Аморејците (Ису. 24), и тоа:

1. како Бог ги испратил стршлените против Аморејците, та овие се збуниле и биле победени од Израилците;

2. како е моќен Господ Бог и како со помош на мали работи ги сотрува горделивите неправедници.

БЕСЕДА
за бедата на оние кои ќе Му пријдат на Христа, па ќе отстапат

Оти, откако ги избегнале световните скверности преку познавањето на Господа и Спасителот наш Исус Христос, ако пак се заплетат во нив и бидат победени, тогаш за такви последното ќе им биде полошо од првото (II Петр. 2:20).

Светло е Сонцето, браќа, но уште посветло се апостолските зборови. Сонцето ги осветлува телата, браќа, а душите не може да ги осветли, додека зборовите апостолски ги осветлуваат душите. Сите возвишувања на душата и сите нејзини длабочини апостолот ги гледа јасно, па ни ги осветлува до топлата љубов за да нѐ изведе на чистиот пат на спасението. Тој ни дава две големи поуки во неколку зборови. Првата поука: од нечистотијата на овој свет не може инаку да се побегне освен преку познавање на Господа и Спасителот наш Исус Христос. Пред сѐ, без познавање на Господа Исуса не може да се види ниту да се познае нечистотијата од овој свет, а потоа, без познавање на Господа Исуса човекот не може да се очисти од таа нечистотија. Втората поука: кога човекот со познавањето на Господа Исуса ќе ја избегне нечистотијата од овој свет, па повторно ќе се заплетка во неа, тогаш последното ќе му биде полошо

од првото. Бидејќи откако ќе ја познае светлината, тој повторно се враќа во темнина, а темнината постанува уште потемна; и запознавајќи ја правдата, тој повторно потонува во неправда и казната бидува уште пострашна; и запознавајќи ја светињата, тој повторно паѓа во животинско и животното постанува уште по крвожедно. Апостолот не се воздржува ова повторно враќање назад да го спореди со кучето што се враќа на своето повратено и со свињата која откако ќе се искапе повторно се симнува во калта.

Кој Го познал Господа Исуса, тој познал сè што му е потребно за спасение; добил вид за да ја согледа нечистотијата, лагата, неправдата и добил сила да избега од сето тоа. Нека не се повраќа за да не го проголта вечната смрт. Да не го искушува Бога безброј пати. Бидејќи, ако Бог бил брз да го спаси првиот пат, ќе биде побавен вториот пат и уште побавен третиот пат. О колку се светли зборовите апостолски, браќа мои!

О Господи Исусе, семоќен и себлаг Спасителу, не отстапувај од нас во часовите на слабост и избави нè кога нечистотиите на светот повторно ќе нè повлечат кон себе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

27 ЈУЛИ

1. Св. вмч. Пантелејмон. Родум од Никомидија, од мајка христијанка и татко незнабожец. Мајка му се викала Евула а татко му Евсторгиј. Како момче ги изучил лекарските науки. Свештеникот Ермолај го повикал кај себе, го научил на верата Христова и го крстил. Пантелејмон чудотворно излекувал еден слеп човек, кого другите лекари залудно го лекувале; го излекувал со Името Христово и го крстил. Од завист, лекарите го обвиниле Пантелејмона како христијанин и Пантелејмон излегол пред царот Максимијан на суд. „И застана пред земниот цар со телото, а со умот стоеше пред Царот небесен“. Пред царот тој слободно се искажал како христијанин и пред неговите очи излекувал еден фатен човек од долготрајна болест. Ова чудо многу незнабожци обратило во верата Христова. Царот го ставил на маки, но Господ му се јавил во неколку наврати и го избавил цел и неповреден. Тогаш пострадале и св. Ермолај со Ермип и Ермократ. Осуден на смрт, св. Пантелејмон клекнал на моли-

тва. Во тој час џелатот го удрил со мечот по вратот и мечот се прекршил како да е од восок. И џелатот не можел да го погуби додека светителот не ја завршил молитвата и самиот не рекол да го погубат. Неговите мошти постанале целебни. Св. Пантелејмон бил исечен под некоја маслинка, која по тоа постанала целата накитена со плод. „Пантелејмон“ значи „семилостив“. Семилостивиот Бог ја примил неговата праведна душа и го прославил меѓу Своите големи светители. Овој прекрасен светител за Христа чесно пострадал во својата младост на 27 јули во 304 година. Св. Пантелејмон се повикува во молитвите при водосвет и елеоосветување (осветување на масло) заедно со св. Ермолај и останатите бесребреници и чудотворци. Најубавиот храм посветен на овој светител се наоѓа во Света Гора.

2. Св. Климент архиеп. Охридски. Ученик на светите Методиј и Кирил. По смртта на св. Методиј, Климент, под притисок на Германите, тргнал од Моравија на југ. Со Горазда, Наума, Сава и Ангеларија – сите заедно наречени „Петточисленици“ го поминале Дунав, како гостин останал кај царот Борис Михаил и потоа дошол во охридскиот крај. Прво основал манастир во Белица, каде што му било и негово прво епископско седиште. Подоцна се преселил во Охрид, од каде што развил голема архипастирска и просветителска дејност за сета блиска и далечна околина. Во Охрид св. Климент му подигнал црква на св. Пантелејмон. Имал многу ученици, кои препишувале книги со словенско писмо за словенскиот народ. При таа дејност особено му помагал св. Наум. Правел чуда и за време на животот, како што неговите мошти пројавуваат исцелителна моќ до ден–денес. После големиот труд и верната служба на Бога, се упокоил мирно во Охрид во 916 година. Чудотворни, неговите мошти се наоѓаат во неговиот храм „Света Богородица“ – Перивлепта, кој подоцна е наречен по името на св. Климент.

3. Блажен Никола Новгородски заради Христа станал јуродив (безумен). Син на богати родители. Го оставил богатството и како јуродив трчал по улиците, и преку јуродивството ги поучувал луѓето. Негов другар со ист подвиг бил блажениот Теодор. Бркајќи се еднаш пред народот, тие двајцата ја претрчале реката по површината на водата. Се упокоил во Господа во 1392 година.

4. Преп. Антуса. После долг осамен подвиг, основала манастир со 90 сестри. Во времето на иконоборството под Константина Копроним сите 90 монахињи биле убиени,

а преп. Антуса потоа и самата го завршила животот во 759 година.

5. Сто педесет и три маченици удавени во морето во Тракија.

РАСУДУВАЊЕ

Ако даваш милостина на сиромавиот, знај дека колку со неа му правиш добро на својот ближен, толку си правиш и на себе, дури и повеќе на себе. Св. Антониј говори: „Од ближниот ни доаѓа и животот и смртта". А св. Петар Дамаскин пишува: „Како што треба бедните да Му благодарат на Бога и да ги љубат богатите, кои им прават добро, така, и уште многу повеќе, и богатите (треба да Му благодарат на Бога и да ги љубат бедните) затоа што тие се спасуваат со промислата Божја и во сегашниот и во идниот век заради милостината. Бидејќи без бедните тие не добиваат спасение на душата, туку не можат ни да ги избегнат искушенијата од богатството". Милостината што се дава од суета или со презир, не користи за ништо. Во поранешни времиња богатите го носеле златото на пустиниците и ги молеле да го примат. Ретко се случувало пустиниците радосно да примаат милостина, туку и кога ја примале, ја примале од милосрдие кон богатите. Најсиромашните луѓе примале милостина од милосрдие!

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното ослободување на Израилот од Сисар и неговата сила (Суд. 4), и тоа:

1. како Господ се смилувал на повиците на поробените Израилци и им подари победа над Сисар;

2. како пророчицата Девора испратила мала сила на Тавор против Сисар, кој имал 900 железни коли и огромна војска;

3. како се разбегала војската на Сисар, а самиот тој погинал.

БЕСЕДА
за пророкуваните подбивачи на светињата

Најнапред знајте го тоа дека во последните дни ќе се јават подбивачи кои ќе живеат според своите желби (II Петр. 3:3).

Дали огледалото се менува или се искривува кога подбивачот стои пред него смеејќи му се и подбивајќи му се? Не, огледалото не се менува и не се искривува, туку тоа останува какво што било. Ни Бог, браќа, не се менува и не се искривува кога подбивачите ќе Му се смеат и ќе се подбиваат. Непроменливиот и чист Бог знае дека подбивачот самиот со себе се подбива. Со своето подбивање со Божјата светиња подбивачот се искривува самиот себеси и се прави сакат, а светињата Божја останува недопрена.

О како веќе во наше време и во наши дни пристигнале многу подбивачи! Многу, дури и премногу, но нивното мноштво е понемоќно од Единствениот. Што претставува мноштвото прашина пред единствениот силен ветар? Само треба да се почека, наоружан со трпение, додека силниот ветар не дувне.

Пристигнале многу подбивачи кои се подбиваат на Божјиот збор. Тие ги нудат своите зборови наместо Божјите, несвети наместо свети, гнили наместо здрави, смртоносни наместо животворни. Но словото Божјо е како ветар, а нивните зборови се како прашина.

Пристигнале подбивачи, многу и премногу, кои се подбиваат со Божјите дела, и уште повеќе ќе пристигнуваат. Тие ги фалат своите дела над Божјите дела и велат дека делата на нивните раце се подобри, поразбирливи од делата Божји. Нивните дела се пократки; бидејќи сѐ што изградиле добро, изградиле од Божји материјал и според угледот на Божјата изградба; и сѐ што изградиле лошо, изградиле од ѓаволски материјал и според угледот на ѓаволската изградба. Со што се фали прашината? Со што ќе се фалат подбивачите денес–утре кога дивите магариња ќе роптаат со копитата по нивните гробови?

Господи пречист, Твоите зборови се свети и силни се како силен ветар, и свети се Твоите дела, безбројни се и не-

маат мерка. Господи пречист, спаси го нашиот јазик од подбивање и спаси го нашиот живот од подбивачи. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

28 ЈУЛИ

1. Св. апостоли Прохор, Никанор, Тимон и Пармен. Овие четворица биле од бројот на седумте ѓакони и седумдесетте апостоли. Останатите тројца ѓакони биле: Стефан, Филип и Никола. Стефан Првомаченикот се празнува одделно на 27 декември, а Филип на 11 октомври. Никола не влегол во редот на светителите поради својата ерес. А оние првите четворица немаат посебни денови на празнување, туку сите се споменуваат во овој ден, на 28 јули. Прохор бил ракоположен од апостол Петар за епископ Никомидиски. Некое време бил на служба кај св. Јован Евангелист и на островот Патмос ги запишал откровенијата, што ги слушнал од устата на св. Јован. Потоа се вратил во Никомидија, каде што вложил голем труд за обраќање на народот во верата. Завршил маченички во Антиохија каде што бил убиен од неверните.

Свети Никанор пострадал во Ерусалим истиот ден кога и св. Стефан архиѓаконот, а наскоро по нив и 2000 други христијани, кои ги убиле злобните Евреи.

Тимон бил епископ во Арабија и пострадал за Христа на крст. Пармен умрел пред очите на апостолите и од нив бил и погребан.

2. Св. мч. Јулијан. Во времето на царот Антонин св. Јулијан преминал од Далмација во Кампанија Италијанска. Бил младо и убаво момче, со душата целиот предаден на Господа. На патот ги сретнал царските војници, кои оделе да фаќаат христијани. „Мир на вас, браќа!“ – им се обратил Јулијан. По таквиот поздрав и по кроткоста на лицето од момчето војниците заклучиле дека тој е христијанин. На нивното прашање Јулијан им одговорил: „Христијанин сум, родум од Далмација“. Уште Јулијан отворено им признал дека патува со цел да ги обраќа идолопоклониците кон единствениот жив Бог. Војниците бездушно го тепале и најпосле го фрлиле во некој канал каде што 7 дена поминал без никаква земна храна. Но му се јавил ангел Божји, кој му давал небес-

на храна. Бил изведен на суд, но Јулијан останал цврст како дијамант во верата. Видувајќи ја неговата храброст и непоколебливоста во верата, 30 луѓе се обратиле кон Христа Господа. Осуден на смрт св. Јулијан клекнал и воздигнал молитва кон Бога, благодарејќи Му на Бога за својот маченички подвиг и молејќи Го да се смилува на сите оние кои ќе го почитуваат неговиот спомен. Бил убиен со секира и Му го предал духот на Бога.

3. Преп. Павле Ксиропотамски. Син на царот Михаил Куропалат. Со блескавото образование, со ретката мудрост и воедно со кроткоста, Прокопиј, како што прво се викал, бил во своите младешки години предмет на восхитување на целиот Цариград. Во една повелба царот Роман Постариот го нарекува „најголем од сите филозофи". Но плашејќи се душата да не му се погордее и да не пропадне заради човечката слава, ова прекрасно момче се облекло еден ден во просјачки алишта и дошло во Света Гора, каде што примило монашки чин од познатиот светител Козма. После долгите осаменички подвизи тој го обновил ксиропотамскиот манастир, а малку потоа изградил нов манастир, Свето–павловскиот, каде што во старост и умрел. Кога тој манастир се осветувал, царот Роман испратил како подарок голем дел од Чесниот Крст, кој и до денес таму се чува. За овој светител се зборува, дека го проповедал *Евангелието* во Македонија и во Србија. Претрпел многу маки од злобниот цар Лав Ерменецот, иконоборецот и се упокоил во 820 година. Пред својата смрт, св. Павле им рекол на браќата: „Еве, дојде часот што мојата душа секогаш го сакала и од кој телото мое секогаш се плашело".

4. Св. мч. Евстатиј. Овој Христов маченик бил војник во Анкира. Повикан на суд, тој не се исплашил од никакви маки, но слободно го фалел името на Господ Христос. Војводата Корнилиј наредил да му ги продупчат стапалата, провнале јаже и го влечеле човекот Божји до некоја река, па го фрлиле во неа. Со Божјата сила бил спасен и од раните исцелен. Тој му се јавил на војводата потполно здрав. Кога војводата го видел жив, толку се исплашил, што извадил меч и самиот себеси се прободел. Евсевиј поживел уште некое време и завршил во Господа во 316 година.

РАСУДУВАЊЕ

За незлобноста св. Нил Синајски пишува: „Синко, потруди се секогаш да бидеш прост и незлобен. Немој да имаш едно во срцето, а друго на јазикот, бидејќи тоа е лукавство и лага. Биди вистинит, а не лажен, бидејќи лагата е од лукавиот. Не враќај зло за зло; ако некој ти направи зло, опрости му, и Бог на тебе да ти опрости. Ако те мачи злопамтење, помоли се на Бога од сета душа за оној брат (злотворот) и злопамтењето ќе побегне од кај тебе". Се раскажува како едно момче решило да му служи на еден многу чуден старец само Бог да му ги опрости гревовите. Во најтешка служба издржал 12 години и се претставил пред Бога. Некој голем духовник ја видел душата на момчето во Рајот каде што се моли на Бога за оној лошиот старец: „Господи, како што си се смилувал кон мене заради него, смилувај се и на него според Твојата голема добрина заради мене, Твојот слуга!" По 40 дена, чудниот старец починал и пак овој духовник ја видел душата на старецот упокоена во небесното царство. Каква прекрасна и чудна незлобност на тоа трпеливо момче, и навистина многу чудна!

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното палење на жртвата на каменот (Суд. 6), и тоа:

1. како се јавил Ангел на Гедеон, а Гедон отрчал да донесе леб и месо да го нагости ангелот;
2. како ангелот со врвот од стапот го допрел лебот и месото, и се подигнал оган и ја изгорел жртвата.

БЕСЕДА
за неразумното прашање
на неразумните

Каде е ветувањето на Неговото доаѓање (II Петр. 3:4)?

Така прашуваат подбивачите на Божјата светиња. Оние кои се подбиваат со зборовите и со делата Божји, се подбиваат и со Божјите ветувања. Ние верните велиме: „Го-

спод ќе дојде“, а тие се подбиваат и велат: „Кога ќе дојде кога веќе не дошол?“ Ние велиме: „Господ ветил дека ќе дојде“, а тие се подбиваат и велат: „Каде е ветувањето за Неговото доаѓање?“ Нашите отци, велат: „Беа и изумреа чекајќи го Неговото доаѓање“, а Он не дошол. „Зар, велат, уште ќе го чекаме?“ Да браќа, ние Го чекаме, и ќе Го чекаме. Он ветил дека ќе дојде и ќе дојде. И светиот апостол го потврдува ветувањето Господово; гледај, тој го слушнал од устата на Господа, од устата од која само вистина излегува. *Пред Господа се илјада години како еден ден.* Со овие зборови апостолот ја затвора устата на подбивачите, а нас нè учи на трпение. „Две илјади години поминале откако Синот Божји го дал ветувањето дека повторно ќе дојде во сила и во слава да ги спаси верниците и да ги казни неверниците, а Он уште не доаѓа“ – велат подбивачите. О неразумни подбивачи, зар две илјади години се толку долги за Бога како за вас? Зар не помислувате дека за Него две илјади години се како два дена? Мора ли Он да ги исполни сите Свои ветувања во текот на два дена? Нему не Му се брза, на бесмртниот, како што ви се брза на вас смртните. Вам ви се брза бидејќи наскоро ќе умрете, а Он е бесмртен и не се плаши од смртта. Он ќе ве најде во вашите гробови кога ќе дојде. Ќе ве разбуди ангелска труба и вие ќе станете колку да видите дека Он е вистински, па потоа ќе бидете исфрлени во мрачното царство на клеветниците, бидејќи Го клеветевте Господа за вистината и Го прогонувавте во лага. Господ, браќа, не сака ние да бидеме љубопитни во однос на денот и на часот кога Он ќе дојде. Он само сака ние да веруваме дека ќе дојде. Макар и да бидеме ние живи или мртви кога ќе дојде Он, ние ќе го видиме Неговото доаѓање. Зар тоа не е доволно?

О Господи Боже, Спасителу наш, научи нè на трпение и утврди нè во верата. Ние знаеме дека Ти ќе дојдеш? На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

29 ЈУЛИ

1. Св. мч. Калиник. Родум од Киликија. Воспитан од мал во христијанско благочестие. Оставајќи сè, тргнал да го проповеда ***Евангелието***. Во Анкира бил фатен од некој незнабожечки кнез Сакердон. Кога кнезот страшно му се за-

канил со маки, ако не им се поклони на идолите, св. Калиник му одговорил: „Мене секоја мака, заради мојот Бог, ми е така добродојдена како лебот на гладниот“. После страшните измачувања и тепање, кнезот го облекол во железни налани, со клинци внатре, и наредил да го тераат во градот Гангрски, оти ниту смеел повеќе да го мачи, ниту да го погуби во Анкира, бидејќи многумина гледајќи го јуначкото трпение на Божјиот човек се обратиле во верата Христова. По патот војниците ожедниле, но немало вода. Св. Калиник се помолил на Бога и извел вода од еден камен. Кога стасале во градот Гангрски, војниците го фрлиле св. Калиник во разгорена печка. Светителот Му се помолил на Бога, зборувајќи: „Ти благодарам, Оче небесен, што ме удостои со овој час, во кој за името Твое свето умирам“. Потоа влегол во огнот. Кога огнот се изгасил, го нашле неговото тело мртво, но цело и неповредено. Чесно пострадал и се овенчал со венец на вечната слава околу 250 година.

2. Св. мч-чка Серафима. Девојка од Антиохија. Живеела во домот на некоја си Савина, сенаторка, која ја привела во верата Христова. Кога за неа слушнал некој си Вирил, мачител на христијаните, наредил та ја доведе пред него. Бидејќи Серафима останала непоколеблива во својата вера, мачителот наредил да се фрли во самица и испратил некои момчиња, за со неа да пренојќат и да ја осквернат. Серафима Му се молела на Бога кога момчињата стигнале пред вратата на самицата. Тука пред нив ненадејно заблескал ангел Божји со меч в рака и тие паднале како мртви, потполно несвесни и ослабени. Утредента мачителот ја замолил Серафима, па со молитва ги повратила момчињата при свест. Опишувајќи го сето ова како магии, Вирил наредил оваа света девица прво да ја горат со свеќи, а потоа ја тепале со стапови. Но кога ја тепале, се одделил еден дел од стапот и го удрил Вирила по очите, од што тој ослепел. Најпосле со меч ѝ ја отсекле главата на оваа слугинка Христова и таа го предала својот дух на Бога. Благочестивата Савина чесно го погребала нејзиното тело, од кое почнало да тече исцеление на многумина. Св. Серафима пострадала во времето на царот Адријан (117– 138).

3. Св. мч-чка Теодосија. Млада вдовица со три деца. Во Солун, заедно со св. Анастасија (22 декември), Теодосија се трудела за делото Божјо, предадена потполно на благочестивиот живот. Во времето на гонењето од Диокле-

цијан, била осудена на смрт и заедно со своите деца била фрлена во огнена печка. Нивните свети души се вивнале во небесната татковина.

4. Св. мч. Евстатиј Мцхетски. Персиец, родум од едно село, Арбукет. Во својата 30. година дошол во градот Мцхет и тука, видувајќи како христијаните живеат и веруваат, примила крштавање. Бил мачен за Христа и обезглавен во Тифлис во 589 година. Неговите мошти почиваат во соборниот храм во Мцхет и им даваат исцеление на верниците.

РАСУДУВАЊЕ

Со вистинско покајание, со солзи, со молитва и со добри дела и највалканата душа може потполно да се очисти и да се измени. Затоа биди внимателен да не ги споменуваш злонамерно гревовите на покајаниот грешник, туку принеси Му благодарност на Бога и чуди се како темнината се претворила во светлина и како нечистата вода се претворила во бистра. Египетскиот цар Амасис бил од низок род, па кога постанал цар, луѓето малку го почитувале, сеќавајќи се на неговото потекло. За да им се одмазди на луѓето и да го стекне нивното почитување, тој зел метален леѓен, во кој, според обичајот, се миеле нозете на посетителите на дворецот, го дал да се претопи и од него да направат лик на некој идол. Тогаш царот го поставил тој идол на улицата. Кога луѓето го виделе идолот, почнале да му се поклонуваат и да му оддаваат божествена почит. Тогаш царот објавил од што е направен тој идол. Луѓето разбрале што сакал царот со тоа да покаже, дека тие не треба да мислат за тоа што бил тој пред тоа, туку што е сега. И почнале луѓето да му оддаваат на царот царска почит.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудниот знак што го покажал Бог на Гедеон (Суд. 6), и тоа:

1. како едната ноќ само руното било под роса а сета останата земја била сува; и како другата ноќ била сета земја под роса, а руното било суво;

2. како тоа го означувало прво израилскиот народ среде незнабожечкиот свет (до доаѓањето Христово), а потоа незнабожечкиот свет, под благодатта и безблагодатниот Израил (по доаѓањето Христово).

БЕСЕДА
за одлагање на Страшниот Ден
според Божјата милост

Господ нема да задоцни со Своето ветување како што некои мислат за бавењето, но долго време трпи, бидејќи не сака да изгинат некои, туку сите да се обрнат кон покајание (II Петр. 3:9).

Милоста Божја, браќа, го одлага денот што гори како печка, според пророчките зборови (Мал. 4:1). Значи, нека се засрамат подбивачите кои се подбиваат со ветувањето Божјо и говорат: *Каде е ветувањето за Неговото доаѓање?* Бог не го заборавил Своето ветување, туку грешниците се заборавиле самите себеси. А Бог, според Својата неизмерна милост, чека грешниците да си дојдат на себеси и да се покајат и да се подготват за оној ден што нема да се повтори. Гледај, тој ден не е како многу други денови што им се даваат на луѓето заради покајание и подготовка за средба со Бога. Тој ден е еден и се разликува од сите останати денови, бидејќи тој не доаѓа за покајание, туку за суд. Како што е Страшниот Суд еден и којшто не се повторува, така и тој еден ден не се повторува.

Бог не сака никој од луѓето да погине. Он не ги создал луѓето за погибел, туку за спасение. Има ли градинар кој кога сее зеленчук сака сиот да му се исуши и да му пропадне? А Бог е помудар и пожалослив од сите луѓе. Бог има една желба: сите луѓе да се покајат и да се повратат од злото. Како се радува лозарот кога лозјето ќе му се поврати и кога повторно ќе раззелени и ќе донесе плод! Колкава ли е тогаш радоста на Бога и на ангелите Божји кога човечките души, овенати од гревот, ќе се повратат и ќе се подмладат од солзите на покајание и ќе донесат плод на покајание.

О Господи, милосрден и човекољубив, помогни им на грешниците да ја осетат Твојата милост и Твоето сожалување кон нив – да осетат и да се покајат – да се покајат и да се повратат од своите лоши патишта. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

30 ЈУЛИ

1. Св. апостоли Сила, Силуан, Крискент, Епенет и Андроник. Сите се од седумдесетте апостоли. Св. Сила бил испратен од Ерусалим во Антиохија со Павле и Варнава, за таму да го решат спорот меѓу верните, односно обрезанието, имено дека не треба да се обрезуваат незнабожците кога преминуваат во христијанството (Дела 15:22). Потоа Сила патувал со Павлета по Азија и Македонија и бил поставен за епископ во Коринт, каде што мирно завршил. Силуан им помагал на двајцата врховни апостоли (I Петр. 5:12; II Кор. 1:19). Како епископ во Солун многу се потрудил, многу настрадал додека земниот живот не го заменил со небесен. Крискент му бил сотрудник на ап. Павле (II Тим. 4:10), потоа епископ во Галатија, па мисионер во Галија (Франција), каде што маченички завршил за Христа во времето Трајаново. Свети Епенет, споменат од апостол Павле (Рим. 16:5), бил епископ во Картагина. Андроник (Рим. 16:7) епископ на Панонија, се споменува посебно на 17 мај.

2. Свешт-мч. Валентин. Бил епископ во италијанскиот град Интерамни. Од болест го исцелил братот на римскиот трибун Фронтан. Кога се разболел синот на познатиот филозоф Кратон, Херимон, по советот на трибунот Фронтан, Кратон го повикал епископот Валентин во Рим. Херимон бил целиот згрчен така што главата му била свиткана меѓу колената. Валентин се затворил во собата со болниот и целата ноќ ја поминал во молитва. Утредента го извел Херимона потполно здрав и го предал на татко му. Тогаш се крстил Кратон со целиот свој дом и со тројца свои ученици. Херимон го оставил татковиот дом и отишол со Валентин. Во тој ден се крстил и синот на римскиот епарх, Авундиј. Разлутен поради ова епархот го фатил Валентина и после маченјата, го обезглавил со меч. Тогаш биле исечени и оние тројца ученици на Кратон: Прокул, Евив и Аполониј. Нив-

ните тела ги зел Авундиј и чесно ги погребал. Сите пострадале во 273 година и станале граѓани на царството небесно.

3. Свешт-мч. Полихрониј еп. Вавилонски. Кога царот Дekиј го освоил Вавилон, го заробил Полихронија со тројца презвитери, двајца ѓакони и двајца покрстени кнезови: Авдон и Сенис. Полихрониј не сакал ништо да одговара пред царот, туку само молчел додека св. Пармениј, презвитерот, одговарал за сè. Епископот и свештениците царот ги одвел во Персија, во градот Кордов и со секира ги обезглавил. А кнезовите, Авдона и Сениса, ги одвел со себе во Рим и таму прво ги фрлил пред ѕверови, па после со меч ги погубил. Сите чесно пострадале во 251 година.

4. Св. Јован војник. Таен христијанин. Испратен од царот Јулијан Отстапник да ги убива христијаните. Тој не ги убивал, туку им помагал да се скријат. Јулијан го фрлил во еден затвор во Цариград. Кога погинал лошиот цар, Јован се предал на подвиг, живеејќи во чистота и светост. Мирно се упокоил во староста. По смртта, им се јавувал на некои кои имале потреба од неговата помош. Молитвите кон него помагаат да се пронајдат крадците.

5. Преп. мајка Ангелина, деспотица српска. Нејзините мошти лежат во манастирот Крушедол (види, го нејзиното житие под 12 декември).

РАСУДУВАЊЕ

Треба да се разликува грешникот од покајникот. Ако на себеси зел улога да го изобличиш грешникот,варди се добро да не го изобличиш и покајникот. Колку што покајаниот грешник Му е мил на Бога сети се на приказната за блудниот син. Значи, и на тебе нека ти биде мил оној кој Му постанал мил на Бога. Во она време се случило еден монах да падне во грев заради што бил избркан од манастирот. Тој монах отишол кај св. Антониј, го исповедал својот грев, се покајал и останал кај него некое време. Тогаш св. Антонија повторно го испратил во манастирот, но таму не го примиле, туку повторно го избркале. Покајникот пак дошол кај св. Антониј. Антониј пак го вратил во манастирот со ваква порака на отците на манастирот: „Едно мало бротче го зафатила бура и го изгубило својот товар; со голема мака тоа пристигнало во пристаништето, а вие сакате да го потопите и тоа што се спасило од потопувањето!“ Кога ја слушнале оваа

мудра порака, отците со радост го примиле својот покајан брат во манастирот.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната победа на Гедеон над Мадијаните (Суд. 7), и тоа:

1. како Гедеон собрал 32000 војници и тргнал против Мадијаните;
2. како Бог му наредил да го намали тој број за да не се фалат Израилците дека тие победиле а не Бог;
3. како Гедеон одбрал само 300 војници и ги победил Мадијаните кои биле многубројни како скакулци.

БЕСЕДА
за доаѓањето на
Страшниот Господов ден

И ќе дојде денот Господов, како крадец во ноќно време; тогаш небесата со голема бучава ќе ги снема и стихиите ќе пламнат и ќе се разурнат, а земјата, и сè што е на неа, ќе изгори (II Петр. 3:10).

Страшен е Господовиот ден, о колку неискажливо е страшен! Страшен е, како заради неподмитливата правда, така и заради својата ненадејност. Самиот Господ заповедал: *Бидете будни, оти не го знаете ни денот, ни часот* (Мт. 25:13), а апостолот, кој со своите уши ги слушнал тие зборови, само ги повторува. Оној кој се плаши од крадец, стражари секоја ноќ за да не го изненади крадецот. Оној кој се плаши од Господовиот ден, стражари секој ден и секој час тој ден и тој час да не го изненадат и да го фатат во грев. Ние и премногу сме навикнати на правилното движење на тркалото на времето и на правилното одминување на денот и ноќта, така што не го насетуваме приближувањето на виорот на оној ден што ќе ги засени сите денови и ќе го запре тркалото на времето. Како кога сонцето ќе го надвисне своето лице над милиони восочни свеќи и ќе ја затемни нив-

ната светлина и ќе го растопи нивниот восок. Страшен, страшен, страшен е Господовиот ден! Кога овој ден ќе го надвисне своето огнено лице над сеќите на сегашниот ден, тие ќе се изгаснат и ќе потемнат, небесата како виор ќе поминат, небесата според кои се сметаат сегашните обични денови, а стихиите од огнот ќе се распаднат, ќе се распаднат материјалните стихии: земјата, водата воздухот и огнот. И нема да постојат. Ќе биде сè ново. И нашето земно постоење и сите наши дела ќе изгорат. И нема да постојат. Ќе биде сè ново. И сите наши дела ќе изгорат: кога Бог не ги жали Своите дела, зар ќе ги жали нашите? Бог нема да ги бара делата, туку делотворците. Сите делотворци ќе Му се јават на Судот, а нивните дела ќе се запалат. И сè ќе биде ново. Кој ќе биде осуден, ќе биде осуден, кој ќе се награди, ќе биде награден за сета вечност. Страшен е, браќа, навистина е страшен денот Господов! Страшен е заради својата ненадејност и страшен е заради неподмитливоста на Божјата правда.

О Господи праведен, направи нè трезвени и будни! Нареди им на Твоите свети ангели да нè чуваат во трезвеност и будност, та гревот да не нè опива и да не нè успива. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

31 ЈУЛИ

1. Св. Евдоким. Роден во Кападокија од благочестиви родители, Василиј и Евдокија. Во времето на царот Теофил (829–849) Евдоким бил млад офицер во војската. Но и како војник тој го вложувал целиот труд да живее по заповедите на ***Евангелието***. Својата чистота ја чувал непорочно и избегнувал да зборува со било која жена, освен со својата мајка; бил милосрден кон бедните, грижлив во читањето на свештените книги и уште погрижлив во молитвите кон Бога. Избегнувал суетни забави и празнословие. „Сред метежот и суетата светска бил како крин среде трње и како злато среде оган“. Поради неговите необични добродетели, царот го поставил за војвода кападокиски. На таа висока положба Евдоким се трудел да биде праведен пред Бога и да биде праведен пред луѓето. Но, по Божјата промисла умрел рано, во својата 33. година. Неговите мошти се покажале целебни. Еден полуден човек се допрел до неговиот гроб и оздравел,

така и едно фатено дете станало и оздравело. По 18 месеци, неговата мајка го отворила сандакот и го нашла неговото тело како живо, без никаков знак на гниење. И прекрасен мирис се кревал од телото на светителот. Подоцна моштите му биле пренесени во Цариград и биле погребани во новата црква „Песвета Богородица“ која ја изградиле родителите на праведниот Евдоким.

2. Св. мч-чка Јулита. Од Кесарија Кападокиска. Имала со својот сосед спор околу имотот. Овој отишол во судот и изјавил дека Јулита е христијанка, што во тоа време значело исто што и да се биде надвор од законската заштита. Светата Јулита попрво се откажала од својот имот отколку од својата вера. Но злобните незнабожци не ја оставиле на раат ни после тоа, туку ја мачеле и најпосле во оган ја изгореле во 303 година. И така оваа следбеничка Христова го жртвувала и имотот и телото свое заради вечното спасение на душата.

3. Св. Јосиф Ариматејски. Благообразниот Јосиф, богат човек, член на Синедрионот еврејски и таен следбеник Христов (Мат. 27:57; Јован 19:38). Тој Го симнал Телото Христово од Крстот заедно со Никодима и Го положил во својата гробница. Поради тоа бил окован од Евреите и бил фрлен во затвор. Но воскреснатиот Господ му се јавил и го уверил во Своето воскресение. Потоа Евреите го пуштиле од затворот и го протерале од татковината. Тој тргнал по светот да го проповеда ***Еванѓелието*** Христово, и таа блага вест ја донесол и во Англија, каде што и се упокоил во Господа.

4. Св. Јован егзарх. Познат свештеник и богослов бугарски од времето на царот Симеон (892–896). Го превел на словенски јазик Василиевиот *Шестоднев* и *Богословието Дамаскиново*. Се упокоил мирно во Господа.

РАСУДУВАЊЕ

Подвижниците во пустината се трудат да ја пресечат својата волја и да живеат според Божјата волја. Некои погрешно мислат дека пустиникот живее сосема осамено. Ниеден пустиник не мисли така. Тој живее во друштво на Бога и на ангелите Божји и на упокоените светители. Каде што е човековиот ум, таму е и неговиот живот. А умот на пустиникот е во најголемото, најчистото и најмногубројното дру-

штво каде што може еден човек да биде. Ѐднаш ава Марко му префрлил на св. Арсениј пустиникот: „Заради која причина ти бегаш од нашето друштво и од разговорите со нас?“ Арсениј одговорил: „Бог знае дека јас ве сакам, но не можам да бидам заедно и со Бога и со луѓето. На небото илјади и илјадници илјади имаат една волја, а кај луѓето има многу и разни волји. Затоа не можам да Го оставам Бога, па да бидам со луѓето“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Божјата казна што ги постигнала Авимелех и Сихемјаните (Суд. 9), и тоа:

1. како Авимелех со помош на Сихемјаните ги убил своите 70 браќа;
2. како самиот Авимелех потоа ги побил Сихемјаните, им го разорил градот и посеал сол по него;
3. како Авимелех по многуте победи загинал од една жена, која од врвот на кулата фрлила врз неговата глава едно парче дрво;
4. како и Сихемјаните и Авимелех ги стасала клетвата на Јотам, синот на Гедеон.

БЕСЕДА
за последното чекање

Затоа, возљубени, очекувајќи го тоа, погрижете се пред Него да излезете во мир (II Петр. 3:14).

Што е нашето последно очекување, браќа? Во ноќта го очекуваме денот, а во денот ја очекуваме ноќта, па пак денот, па пак ноќта. Но тоа чекање не е нашето последно чекање. Што е нашето последно чекање, браќа? Во радоста се тресеме очекувајќи жалост, а во жалоста со надеж очекуваме радост. Но ни тие чекања не се нашето последно чекање. Нашето последно чекање, браќа, е чекањето на Божјиот Суд. Кога ќе дојде Божјиот Суд, *страшниот ден што гори како печка*, тогаш сѐ се дочекува заслужено: ден за едните без смена на ноќта, и ноќ за другите, без смена со денот; ра-

дост за едните без смена со жалост и жалост за другите без смена со радост. Тоа е, браќа, последното чекање на човечкиот род, дали за тоа тој знае или не, или дали за него мисли или не мисли.

Но вие, верниците, тоа треба да го знаете и за тоа треба да мислите. Тоа знаење нека ви биде врв на сите ваши знаења; и таа мисла нека ги упати сите други ваши мисли. Кон тоа знаење и размислување приложете го уште и она најглавното, приложете го вашиот труд да бидете чисти и прави (или уште поточно преведено: неосквернети и непорочни) и во мир. Трудете се да бидете чисти со умот и во срцето, прави во совеста и во мир со Бога. Само така последното чекање нема да ве преплаши со изненадување ниту ќе ве претвори во ноќ без ден и во жалост без радост. Како што е сè во животот на Господа Исуса Христа изненадување за луѓето, така ќе биде изненадување и Неговото второ доаѓање во сила и слава. Изненадување било Неговото раѓање од Пречистата Дева Марија, изненадување била Неговата сиромаштија, изненадување било и Неговото чудотворство и секое дело, и секој збор, понижувањето, доброволната смрт и воскресението, вознесението и црквата и раширувањето на Неговата вера. Изненадување ќе биде и Неговото второ доаѓање, пострашно изненадување од сите изненадувања.

О Господи, о праведен Судијо, како ќе Те сретнеме необлечени во чистотија, во непорочност и во мир? Помогни ни, помогни ни, колку–толку да се подготвиме за страшната средба со Тебе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

1 АВГУСТ

1. Св. 7 мч-ци Макавеи, Соломонија нивната мајка и свештеникот Елеазар. Сите пострадале за чистотата на верата израилска од царот Антоних викан од едни *Епифанос* (*просветлен*), а од други *Епиманис* (*безумен*). Поради големите гревови во Ерусалим, а особено поради напрегањето околу власта архијерејска и злосторствата направени во таа борба, Бог допуштил голема беда на светиот град. Антиох сакал на секој начин да им го наметне на Евреите елинското идолопоклонство на местото на верата во единствениот и жив Бог и правел сè во тој правец. Таа негова мисла ја помагале и некои расколнички архијереи и други ерусалимски старешини. Еднаш самиот цар дошол во Ерусалим и наредил сите Евреи да јадат свинско месо, спротивно на Мојсеевиот закон, бидејќи јадење свинско месо бил очигледен знак дека некој се одрекол од верата израилска. Старецот Елеазар, свештеник и еден од седумдесетте преведувачи на ***Стариот завет*** на грчки јазик, не сакал да јаде свинско месо. Затоа бил мачен и во оган бил изгорен. Враќајќи се во Антиохија царот зел седум синови со себе, наречени Макавеи, и нивната мајка Соломонија. Седумте браќа Макавеи се викале: Авим, Антонин, Елеазар, Гуриј, Евсевон, Алим и Маркел. Пред очите на мајката опакиот цар ги мачел еден по еден синовите, дерејќи му ја на секого кожата од лицето и фрлајќи ја потоа во оган. Тие сите храбро ги претрпеле маките и смртта, но од верата своја не се одрекле. Најпосле и мајката, кога го видела и својот последен тригодишен син во огнот, и самата скокнала во него и изгорела, предавајќи Му ја душата на Бога. Сите чесно пострадале за верата во единствениот и живиот Бог околу 180 години пред Христовото раѓање.

2. Изнесување на Чесниот Крст. Овој празник бил востановен во договор меѓу Грците и Русите, во времето на грчкиот цар Мануил и рускиот кнез Андреј за спомен на истовремената победа, и тоа: на Русите над Бугарите и на Грците над Сарацените. Во тие две војни, со војските се носени крстови од кои засветиле небесни зраци. Затоа се востановило на 1 август да се изнесува крстот од црквата „Света Софија“, прво во средината на црквата, а потоа и на улиците заради поклонувањето на народот и заради споме-

нот на чудотворната помош од крстот во поранешните војни. Но ова не бил обичен крст, туку вистинскиот Чесен Крст, Кој се чувал во храмот на царскиот двор. На 31 јули Чесниот Крст е пренесуван од царскиот двор во „Св. Софија", а потоа од таму бил носен по улиците заради осветување на земјата и на воздухот. Најпосле на 14 август повторно бил враќан во храмот на царската палата.

3. Св. 9 мч-ци. Нивните имиња се: **Леонтиј, Атиј, Александар, Киндеј, Минситеј, Киријак, Минеон, Катун и Евклеј.** Првиот бил столар, а останатите биле земјоделци. Поради цврстото исповедување на верата Христова и поради разурнувањето на храмот на Артемида, биле остро измачувани и обезглавени во времето на царот Диоклецијан во Пергија Памфлиска и постанале наследници на царството Христово.

РАСУДУВАЊЕ

Немоќниот, обично, се брани со лицемерство, а моќниот со насилство. Дека човекот не може својот живот да го одбрани од Бога ниту со лицемерство ниту со насилство јасно ни кажува примерот на светиот старец Елеазар и царот Антиох. Кога насилниот цар го извел Елеазара пред суд и го принудувал да јаде свинско месо, ако сака да си го сочува животот, Елеазар тоа решително го одбил. Тогаш некои пријатели на Елеазар му подметнале некое друго, не свинско месо, молејќи го да јаде пред царот и пред народот за да ги сочува и својот живот и својата совест. И оваа понуда старецот ја одбил, говорејќи им на пријателите: „Не ми доликува на мене, на старец, да лицемерам на соблазната на многу млади". И старецот погинал со телото, но ја спасил својата душа. Насилниот цар Антиох го стасала Божја казна уште за време на животот. Го нападнала некоја страшна болест однатре и неговото тело вриело од црви, а смрдеа од него се распространувала надалеку. Во своето очајание се сетил на невино пролеаната крв на илјади и илјади човечки суштества кои по негова наредба непоштедно биле убиени, се исплашил од Бога и почнал да Го исповеда единствениот Бог, кого претходно го гонел, гонејќи ги неговите верници. Но на него не се пројавила милоста небесна.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Божјата казна над Израилот (Суд. 10), и тоа:

1. како Израилците правеле лошо пред Господа, поклонувајќи им се на египетските, сидонските и моавските идоли;

2. како Господ ги предал под ропство на Филистејците кои ги газеле и ги сотирале 18 години;

3. како е страшен Господ кон отстапниците од вистинската вера.

БЕСЕДА
за пророчките виденија

Видение на Исаија, синот Амосов (Иса. 1:1).

Којшто има разум, може да Го познае единиот и вистински Бог. Кој не е разумен, нека го слуша разумниот и ќе се спасат и едниот и другиот. Бог може јасно да се познае од создадената природа, уште појасно од вдахновените Божји луѓе, а најјасно од Господа Христа. Вдахновени Божји луѓе пред Господа Христа биле пророците. Помеѓу првите бил пророкот Исаија, синот Амосов. Духот Божји му го отворил видот и тој го гледал она што другите луѓе не го гледале. Затоа тој својата порака кон народот ја нарекува видение (или привидение). Како пророците ги гледале небесните тајни и тајните на идните случувања тоа не може да се објасни, тоа може само да го доживее оној што Бог го надарил.

Виденијата на светите пророци се вистински бидејќи и зборовите и небесните прилики од тие виденија подоцна навистина се оствариле и се потврдиле. Вистински се и затоа што тие служеле за доброто на луѓето и за враќање од лошото кон добро. Вистински се уште и заради тоа што пророците бестрашно ги објавувале, без да водат сметка за патењето што од тоа ќе ги снајде, па дури и без обсир на лутата смрт што многумина од нив ја претрпеле.

Што примил Исаија од земјата и од луѓето за своите виденија? Дали богатство, дали чест или високо достоинство? Евреите со пила го пресекле! Тоа е богатството, тоа е

честа, тоа е славата на пророкот – да пострада за Божјата вистина.

Значи, да ги послушаме Божјите пророци, бидејќи тие се патишта што водат кон градот на великиот цар, тие се зраци на великото сонце на правдата, Христос, Кој во далечен круг ги осветлува луѓето со небесна светлина, покажувајќи им го Сонцето.

О Господи Христе, кој преку пророците Себе си се објавувал и си подготвувал за Себе пат за симнување во нашата долина, помогни ни. Помогни ни да ја познаеме Твојата светлина и Твојата промисла кај Твоите свети пророци. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

2 АВГУСТ

1. Откривање и пренос на моштите на св. Стефан архиѓакон и првомаченик. Кога злобните Евреи со камења го убиле св. Стефана, неговото тело го оставиле кучињата да го изедат. Но поинаку сакала Божјата промисла. Телото на маченикот лежело на отворено место под градот една ноќ и два дена, а втората ноќ дошол Гамалиил, учителот на Павле и таен ученик Христов, го зел телото, го однесол во Кафаргамалу на својот имот и таму чесно го погребал во една пештера. Во истата пештера Гамалиил го погребал и својот пријател Никодим, кој, плачејќи над гробот на Стефан, умрел. Тука Гамалиил го погребал и својот крстен син Авив. И според своето заветување и самиот Гамалиил бил тука погребан. Од тоа време поминале векови и никој од живите не знаел каде е погребано телото на св. Стефан. Но во 415 година, за времето на ерусалимскиот патријарх Јован, Гамалиил трипати му се јавил во сон на свештеникот Кафаргамалски, Лукијан, и подробно му раскажал сѐ за погребувањето на сите споменати, укажувајќи го точното место на нивните заборавени гробови. Возбуден од тој сон, Лукијан му кажал на патријархот и со негов благослов отишол со луѓето и ги откопал четирите гроба. Гамалиил веќе му рекол во сонот кој е чиј гроб. Силен благопријатен мирис од моштите на светителите ја исполнил сета пештера. Тогаш моштите на св. Стефана биле свечено пренесени на Сион и тука чесно биле погребани, а моштите на останатите биле изнесени на

еден брег погоре од пештерата и тука во една црква биле положени. Многу исцелувања на болни се случиле тој ден од моштите на св. Стефан. Подоцна тие мошти биле пренесени во Цариград. Така Господ го овенчал со голема слава оној кој прв за Неговото име крвта своја си ја пролеал.

2. Свешт-мч. Стефан папа Римски и други со него. Бил папа во Рим од 253 до 257 година. Се борел против еретикот Новатијан. Исцелувајќи ја Лукила, ќерката на трибунот Немезиј, ги крстил двајцата. Пострадал во времето на Валеријан со 12 свои клирици. Бил исечен за време на литургисувањето.

3. Св. блажен Василиј јуродив Московски. Татко му се викал Јаков, а мајка му Ана. Во својата 16 година се предал на подвигот јуродивство и во тежок подвиг издржал цели 72 години. Живеел сè на сè 88 години. Одел бос, гологлав и во партали. Немал никакво постојано пребивалиште. Ги исправувал грешниците, ги укорувал големците, пророкувал вистинито, имал виденија на далечина. Откако доволно истрпел од гладот, од студот, од навредите човечки, блажениот Василиј ја предал својата света душа на Бога. На погребот му биле царот Иван и митрополитот. Погребан е во московскиот храм на Пресвета Богородица, подоцна наречен по неговото име.

РАСУДУВАЊЕ

Ние мораме да бидеме трпеливи и милостиви кон грешникот, ако сакаме долготрпеливиот Бог да биде милостив кон нас. Големото милосрдие на блажениот антиохиски патријарх Александар станало досетка. Некој негов писар му украл неколку златници и избегал во Тиваида. Но во пустината го фатиле разбојници и го одвеле со себе. Кога дознал за тоа Александар, им испратил 85 златници на разбојниците како откуп. Затоа се зборувало дека „милоста на Александар не може да биде победена со никаков грев“. Св. Јован Милостив пишува: „Божјата долготрпеливост е недвижна, а неговата милост е незлобна... Колкумина злосторници кои одат да убијат и да украдат ги прикрива за да не бидат фатени и измачувани. Морските разбојници пловат по морето, а Он не му наредува на морето да ги потопи. Колкумина од нив криво се колнат во Светото Причестие, а Он трпи и не им плаќа овде со зло. Ајдуците на патот крадат, а Он

не ги предава на ѕверовите да ги растргнат... Блудните со блудници одат, а Он трпи. Зошто сето тоа? Бидејќи очекува покајание и обраќање. Навистина Бог не ја сака пропаста на грешникот... Затоа браќа, да се засрамиме пред благиот Господ Бог".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната Божја помош на покајаните Израилци (Суд. 10), и тоа:

1. како покајниците повикале кон Бога: *Прави со нас сè што ти е угодно, само спаси нè сега* (Суд.10:15);

2. како Божјиот Дух слегол на Јефтај и тој ги разбил Амонците и го ослободил Израилот;

3. како и денес покајанието на луѓето доведува до мир со Бога и издејствува Божја помош во маките.

БЕСЕДА
за Божјото жалење на неверниот народ

Чујте небеса и слушај, земјо, зашто Господ вели: ***Јас воспитав и подигнав синови, а тие се побунија против Мене*** (Иса. 1:2).

Гнев, гнев Божји! Во гневот Бог се одвраќа од избраниот народ и се жали на него на останатите Свои созданија, се жали на небесата и на земјата. Чујте мои свети и словесни ангели, и чујте сите земни бессловесни предмети! Сакав овој народ да го направам свет и словесен, а тој се понижи под бессловесните предмети со нечистотија и со неблагодарност. Ги нареков Свои синови и ги возвишив, а тие ми свртеа грб и отидоа кај нечистите идоли! Гнев, Божји гнев, гнев на љубов што по илјадапати му прави добро на губавиот, но и која илјадапати е поплукана од губавиот. Кога сите мртви стихии би проговориле, би можеле со сите живи созданија да посведочат за преголемите чуда што единствено живиот Бог ги направил во Египет и во пустината за израилскиот народ, само да се одврати од идолопоклонството и да поверува во единствениот, живиот и семоќниот Бог. Тоа би можеле да го посведочат и водата и крвта, и каменот и дрвото, и темнината и огнот, и жабите и мувите, и птиците и

змиите, и болеста и смртта, и облакот и чадот, и ветрот и маната, и бакарот и железото, заедно со фараонот и многубројните народи, со победоносната рака Божја и скршнатиот од пат израилски народ. Па сепак, тој народ се оддалечил од Бога и отишол по идолите!

Тоа е страшното видение на Исаија, синот Амосов, Божјиот пророк. О браќа мои, помислете, какво ли видение би имал за нас пророкот Исаија кога денес би се појавил во народот?

О Господи, единствен жив и единствен семоќен, прикови ги умот наш и срцето врз Тебе, вистинскиот Бог и сочувај нè, сочувај нè од отстапништво од Тебе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

3 АВГУСТ

1. Препод. Исакиј, Далмат и Фауст. Исакиј се празнува уште еднаш одделно, на 30 мај. Свети Далмат бил прво офицер при царот Теодосиј Велики и царот го држел во голема чест. Но кога во него се разбудил духот, тој презрел сè што е световно, го напуштил својот чин, го зел својот син единец Фауст, и со него отишол во предградието на Цариград, во манастирот на св. Исакиј, каде што обајцата се потстрижале во иноци. Далмат бил целиот предаден на богоугодниот живот, на што се радувал старецот Исакиј. И кога на Исакиј му се приближил смртниот час, тој го поставил Далмата за игумен на своето место. Подоцна таа обител, по Далмат, е наречена „Далматска“. Далмат се предавал на пост и до 40 дена. И со постот ја победил невидливата демонска сила. Учествувал на Третиот вселенски собор и се борел против ереста на Несториј. Угодувајќи Му на Бога, се претставил мирно, во V век. Неговиот син Фауст го поддржувал татка си во сè и после богоугодниот живот, умрел мирно во таа Далматска обител.

2. Преп. Козма скопен. Монах од лаврата фаранска. Многу учен во ***Свешошо йисмо***. Толку многу ги ценел делата на св. Атанасиј Велики што му зборувал на својот ученик: „Кога ќе слушнеш некаков збор од книгите на св. Атанасиј, ако немаш хартија, на крајчето запиши го“. Под старост дошол во Антиохија кај патријархот Григориј (+ 584) и тука го завршил својот живот. Патријархот наредил телото

на Козма да се погреби во манастирот на Патријаршијата. Еден човек често доаѓал на гробот на Козма и чествувајќи го светителот тука, се молел на Бога. Прашан зошто го прави тоа, тој открил дека 12 години лежел фатен и дека св. Козма го исцелил.

3. Преп. Антониј Римјанин. Роден е во Рим во 1086 година од благочестиви и имотни родители. Во тоа време се оддвоила Римската црква од Источната црква, и сите кои ѝ останале верни на Источната црква биле гонети од римскиот клир. Меѓу гонетите бил и Антониј. Тој го раздал целиот наследен имот и се замонашил. На една карпа в море, стоејќи, се подвизувал 14 месеци. Меѓутоа, карпата се оддвоила од својата основа и по некоја чудна промисла доипловила по водата до Новгород. Во Новгород архијерејот Никита го примил љубезно и му помогнал да подигне црква на св. Богородица, каде што после имало манастир. Антониј поживеал долго како игумен на тој манастир, и пројавил голема благодатна сила преку многу чуда. Мирно се упокоил во 1146 година и се преселил во дворовите Господови.

4. Св. Саломија Мироносица. Им била мајка на св. апостоли Јаков и Јован, жена на Заведеј, а ќерка на Јосиф, старателот на Пресвета Богородица. Му служела на Господа за време на Неговиот овоземен живот и се удостоила да биде меѓу првовесниците на Неговото воскресение.

РАСУДУВАЊЕ

Светите души со големо внимание го читале ***Светото писмо***, вдлабочувајќи се во секој збор и ставајќи се себеси пред огледалото на Словото Божјо како пред Страшниот Суд. Нивната внимателност била толку голема што некои подвижници презеле далечни патувања за да дојдат до некој духовен мудрец, само еден збор или само една изрека од ***Светото писмо*** да им ги протолкува. Таму каде што било можно тоа се постигнувало со помош на писма. Оттаму и останале цели збирки на писма од светители, како што биле: св. Василиј, Григориј, Златоуст, Исидор Пелусиот, Нил Синајски и многу други. Св. Козма еден ден се замислил над зборовите на Господа Исуса кога Он во Гетсиманија ги прашувал учениците дали имаат нож. И кога учениците Му рекле: „Господи, еве овде има два ножа“, Он им рекол: „Доволни се“ (Лк. 22:28). Не можејќи самиот на себе да си ги

објасни овие зборови, св. Козма се решил да оди подалеку од пустината во една оддалечена лавра, викана „Пирга", кај познатиот ава Теофил за да го праша. Со голема мака пристигнал до својата цел. И Теофил му објаснил: „Двата ножа го означуваат чинот на двојниот богоугоден живот: делување и видување, т.е. трудот и вдлабочувањето на умот во богомислие и молитва. Кој ги има обете, тој е совршен".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за неблагодарноста на Евреите кон Бога избавителот и Божјата казна (Суд. 13), и тоа:

1. како Израилевите синови пак извршувале зло пред Господа;

2. како Господ ги предал во рацете на Филистејците за време од 40 години;

3. како неблагодарноста на еден ослободен народ кон Бога ослободителот и денес се казнува со ропство под туѓинци.

БЕСЕДА
за неблагодарноста што не е видена и меѓу животните

Волот го познава стопанот свој, и магарето јаслите на господарот свој, а Израилот не Ме познава, Мојот народ не разбира (Иса. 1:3).

Благодарноста на животните најстрашно се изобличува со неблагодарноста на луѓето. Кога волот, којшто не зборува, знае кој му е господар и кога магарето знае чии се јаслите од кои се храни, како човекот кој зборува да не знае за Бога, својот Творец и Хранител? „Израил" значи „*боговидец*". И секој човек што зборува треба, според својата словесност, да биде боговидец, да знае за Бога, да го чувствува присуството на Бога, да Му служи на Бога како некогаш кроткиот и чуден Јаков. Но кога човекот, кој зборува, на кого сето достоинство му е во познавањето на Бога, не го познава Бога, т.е. кога боговидецот ќе постане слеп за Бога, то-

гаш и кај магарето се воздигнува достоинството над таквиот човек. Бидејќи волот без исклучок го познава својот господар и магарето без исклучок го познава својот хранител, додека луѓето постануваат исклучоци, и тоа честопати водачите на луѓето, кои не Го познаваат својот Господар, ниту својот Хранител. Безбожништвото е единствено болест на луѓето во целата создадена вселена. Бидејќи побожноста е услов за нормалност и здравје за самиот човек, но не и за животните. Оттука, безбожништвото не е болест на животните, туку на луѓето, и само на луѓето, само на оние кои се одредени да бидат боговидци и кои кога ќе ја изгубат побожноста, постануваат посиромашни и од волот и од магарето!

Тоа е видението на Исаија, синот Амосов, Божјиот пророк.

О Боже, на кроткиот Јаков, Израилот, просветениот боговидец, помогни ни да го одржиме своето човечко достоинство, достоинство на боговидец и во секој ден и во секој час со благодарност да Те познаваме и да Те признаваме Тебе како свој Господар и свој Хранител. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

4 АВГУСТ

1. Св. 7 отроци мч-ци во Ефес. Големо гонење на христијаните имало за време на царот Декиј. Самиот цар дошол во Ефес, и тука приредил бучно празнување во чест на мртвите идоли но и грозен масакр на христијаните. Седум момчиња, војници, се воздржале од нечистото жртвопринесување и усрдно Му се молеле на единиот Бог да го спаси родот христијански. Тие биле синови на најугледните старешини во Ефес. Нивните имиња се: Максимилијан, Јамвлих, Мартинијан, Јован, Дионисиј, Екзакустодијан и Антонин. Кога и тие биле обвинети кај царот, тие побегнале на еден рид зад Ефес, наречен Охлон, и тука се скриле во некоја пештера. Кога царот го дознал тоа, наредил пештерата да се сѕида. Бог, пак, по далекосежната промисла Своја, им пуштил на момчињата еден чуден и долготраен сон. Царските дворјани, Теодор и Руфин, тајни христијани, дале да се сѕида и едно ковчеже од бакар со оловни плочки, на кои биле испишани имињата на овие момчиња и нивната маченичка

смрт во времето на царот Декиј. Од тогаш поминале преку 200 години. Во времето на царот Теодосиј Помладиот (408–450) настанал голем спор околу воскресението на мртвите, бидејќи имало некои што се посомневале во воскресението. И царот Теодосиј бил во голема жалост поради тој спор меѓу верните; и се молел на Бога за на некој начин да им ја објави вистината на луѓето. Во тоа време на бура во црквата, овчарите на некој Адолиј, кој го поседувал ридот Охлон, почнале да прават трло за овците и да земаат камен по камен од таа пештера. Тогаш момчињата се разбудиле од сонот, млади и здрави какви што и заспале. И тоа чудо се разгласило на сите страни, та и самиот Теодосиј дошол со голема придружба и со умиление разговарал со нив. После една седмица тие повторно заспале со сон мртов, да го чекаат општото воскресение. Царот сакал да ги положи нивните тела во златни сандаци, но тие на сон му се јавиле и му рекле да ги остави на земја како што биле и полегнати.

2. Свешт-мч. Козма рамноапостолен. Бил родум од Етиопија, од селото Мегадендрон (*Големо Дрво*). Како момче отишол на Св. Гора, каде во Филотејскиот манастир бил потстрижен за инок. Но гонет од секојдневната желба да го проповеда ***Евангелието*** на народот, тој отишол во Константинопол каде што измолил за тоа благослов од патријархот Серафим. И ги обиколил сите подунавски краеви, проповедајќи го ***Евангелието***, но најмногу се задржал во Албанија. Таму и пострадал од некој Курт–паша, кого Евреите го раздразниле против Козма. Козма бил удавен од Турците, па фрлен в река, во 1779 година. Чудотворните мошти му почиваат во селото Колкоидас, во храмот на св. Богородица, недалеку од градот Фиери. Пострадал за својот Господ во 65. година од животот.

РАСУДУВАЊЕ

Барајте и ќе ви се даде, рекол Господ (Мт. 7:7). Како што родителот им дава на своите деца сѐ што бараат, а што е за нивна корист, така и човекољубивиот Бог им дава на луѓето сѐ што сакаат од Него и сѐ што им служи за спасение. Козма како монах во Св. Гора просел од Господа две работи: имено, да го проповеда ***Евангелието*** на народот и да пострада како маченик за верата. За еден светогорски монах врзан со завет за својот манастир овие две желби изгле-

дале недостижни и неостварливи. Но за Бога сè е можно. И двете желби на Козма Бог совршено му ги исполнил. Радоста на Козма не можела да се опише кога добил благослов од патријархот дека може да излезе од Св. Гора и да оди по народот на проповед на ***Евангелието***. Тој имал уште еден сличен радосен момент, а тоа било кога слугите на турскиот паша му соопштиле дека по наредба на пашата тој мора да умре. Исполнет со радост, светителот ги преклонил колената, Му заблагодарил на Бога што му ја исполнил и таа желба и го предал телото на смртта а душата на својот Бог.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната објава за раѓањето на Самсон (Суд. 13), и тоа:

1. како ангелот Божји му се јавил на Маној и на неговата жена нероделка и им објавил дека жената ќе роди син кој ќе го избави народот од ропство;
2. како Маној за тоа Му принесол жртва на Бога, а ангелот во пламенот на жртвата се дигнал на небото;
3. како и нероделките можат да родат кога сака Бог.

БЕСЕДА
за болеста на богоотстапништво

Целата глава ви е во рани,
и целото срце ви е изнемоштено
(Иса. 1:5).

Бог е извор на здравјето, браќа. Бог Саваот. Излезете на височината Божја вие, на кои главата ви се мати од непотребни работи и уште понепотребни грижи и стекнете здравје што е од Бога, и што доаѓа само од Бога. Болната глава – тоа се водачите и народните старешини, изнемоштеното срце – тоа е народот. Пророкот претставува еден цел народ како едно тело и покажува како и со народното тело станува исто онака како и со човечкото тело. Имено, кога еден орган на телото е болен, тогаш само тој орган не е болен, но од болеста на тој орган изнемоштеност чувствува целото тело. Така било и во израилскиот народ: главата се разболела, а од главоболката и срцето било изнемоштено. Израилските

старешини отстапиле од Божјиот закон и тргнале по своите чувства како патеводители. Својот чувствен разум, шарен и прешарен од разните светски впечатоци, тие го зеле за патоказ кон вистинскиот живот наместо законот Божји. И потпаднале во безизлезен мрак на идолопоклоничките заблуди. А од лудориите на главата срцето изнемоштело. Срцето потешко се оддвојува од Бога отколку главата; народот потешко се оддвојува од Бога отколку неговите старешини, но кога главата долго боледува, тогаш ослабува и срцето и тоа попушта. Заради кривите водачи и народот најпосле скршнува од патот.

Тоа е видението на Исаија, синот Амосов, вистинскиот пророк.

Навистина тоа е вистинско видение и за тогаш и за сега; и за израилскиот народ и за сегашните народи. Погледнете, браќа, во оној народ кој најдобро го познавате и сами пресудете дали главата му е болна и срцето му е изнемоштено?

О Господи, вистински и праведен, осветли ја со Твојата светлина главата на секој народ и со Твојата крепост поткрепи го срцето на секој народ. Да не се зарадуваат нашите непријатели и да не кажат дека си нѐ оставил. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

5 АВГУСТ

1. Св. мч. Евсигниј. Бил војник при царот Максимијан, при царот Константин Велики и при неговите синови. Присуствувал на маченњето на св. мч. Василиск (22 мај), видел мноштво ангели и Самиот Господ Исус како од ангел ја прима душата на овој свет маченик. Војувал при царот Константин и го видел крстот, што му се јавил на Константина. Ислужувајќи во војската полни 60 години, во времето на синовите на Константин, се повлекол од воената служба и се настанил во Антиохија, во својот роден град. Тука поминувал богоугоден живот во пост, во молитва и во добри дела. Во времето на Јулијан Отстапник двајца скарани на улица го зеле него за судија. Тој му досудил правда на правиот, поради што кривиот се налутил, отишол кај царот и го обвинил Евсигнија дека е христијанин. Царот го повикал Евсигнија на суд, но тој страшно го разобличил царот за от-

стапништво од верата и го укорил со светлиот пример на Константина. Огорчениот Јулијан наредил, та главата му ја отсекле. Пострадал Евсигниј во длабока старост, во 362 година и се преселил во Царството небесно.

2. Свешт-мч. Фавиј (Фавијан) папа Римски. Бил родум Римјанин. Прво Фавијан бил селски свештеник, а потоа, кога при изборот на папата слегол бел гулаб врз него, бил избран за папа. Кроток и незлоблив, со голема прилежност ги собирал телата на светите маченици, чесно ги погребувал и на гробовите нивни подигал храмови. Исто така, подигал и молитвеници и параклиси по пештерите каде што мачениците се криеле во времето на острото гонење. Го крстил царот Филип и неговиот син, принцот Филип и со помош на крстениот сенатор Понтиј разурнал многу идоли и идолски храмови. Но кога се зацарил опакиот Декиј, настанало страшно гонење на христијаните, во кое пострадал и св. Фавиј, со меч обезглавен во 250 година. Свети Фавиј востановил мирото да се осветува на Велики Четврток.

3. Св. мч. Понтиј сенатор. Син е на сенаторот Марко и на жена му Јулија. Како нероделка Јулија зачнала дури по 22 години од брачниот живот и го родила Понтија. Откако бил крстен од папата Понтијан со својот другар Валериј (писателот на неговото житие), тој успеал да го приведе во верата Христова и својот татко Марко, и царот Филип со синот и многу други угледни Римјани. Многу ја штител и ја помагал Црквата како сенатор, и бил голем пријател на папата Фавиј. Кога настанало гонењето од Декиј, Понтиј избегал од Рим и се скрил под алпските планини. Но во времето на Валеријан и Галиен бил фатен и измачуван со страшни маки, при што се пројавиле големи чуда Божји и многу луѓе се обратиле кон Христа. Тука се нашле и многумина чивити кои му викале на судијата: „Убиј, убиј го веднаш тој маѓесник!" На тоа св. Понтиј ги подигнал рацете кон небото и рекол: „Ти благодарам, Боже мој, што и чивитите викаат против мене како и некогаш отците нивни против Христа: „*Распни Го, распни*!" Бил убиен со меч во 257 година и бил погребан од својот пријател Валериј.

4. Св. Нона. Мајка на св. Григориј Богослов. Како христијанка таа имала силна и чудотворна молитва. Така, со молитвата своја кон Бога го обратила својот маж од незнабожечката глупост во верата христијанска. Нејзиниот маж Григориј подоцна бил епископ во градот Назијанз. Со моли-

тва св. Нона го спасила од бура и својот син Григориј Богослов. Се претставила мирно како ѓакониса во 374 година.

РАСУДУВАЊЕ

Валериј вака го започнува житието на својот другар св. Понтиј: „Кој може да верува ако Бог не дава? Кој може да појде на подвиг ако Господ не помогне? Кој може венец (на мачеништво) да добие ако Христос не му подари? Сè може Бог и сака сè што е за луѓето спасоносно, само ако луѓето Му се молат. Со молитва св. Нона го обратила својот маж Григориј во христијанство, како и својот син Григориј Богослов. Со молитва Моника го повратила Августин од беспатниот живот на патот на добродетелта и на верата. Со молитва св. Василиј го обратил кон Христа својот учител Евул. Со молитва царот Езекиј си го продолжил животот за 15 години. Со молитва св. Симеон Столпник ги одвратил Персијанците и Скитите со веќе подготвената војска да не удрат на грчката земја. Всушност, побрзо ќе се избројат ѕвездите на небото отколку сите чуда што се направени во светот со молитвата“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната сила на Самсон (Суд. 14), и тоа:

1. како Господовиот Дух бил врз него и го растргнал лавот со рацете и ги искинал фортомите со кои бил врзан и истепал многумина Филистејци;

2. како Господовиот Дух отстапил од него кога ѝ ја доверил тајната на силата на својата жена – незнабожец, та бил убиен.

БЕСЕДА
за тоа како Бог ги обелува
покајаните грешници

Гревовите ваши да се и како бакам, како снег ќе ги побелам; да бидат црвени и како пурпур, – како волна ќе станат бели (Иса. 1:18).

О безгранична милост Божја! Во Својот најголем гнев на неверниот и неблагодарниот народ, на народот *пропаднат во беззаконие, на злосторничко семе, на расипани синови*, на кнезови кои постанале како *содомските кнезови*, на народ кој постанал како *гоморскиот народ*, – во таков гнев Господ сепак не ја напушта милоста, туку повикува на покајание. Како кога по страшните громови ќе удри тивка роса. Таков е Господ – долготрпелив и многумилостив и не се гневи до крајот. Само ако грешниците престанат да извршуваат зло и ќе се научат добро да прават и ќе Му се приближат на Господа со смиреност и покајание, ќе постанат бели како снег. Господ е моќен и расположен. Никој надвор од Него не може грешната човечка душа да ја очисти и со чистота да ја обели. Колку и да се пере платното во водата, со пепел и со сапун, колку и да се пере и преперува, тоа не може да ја добие белината додека не се простре на светлината на сонцето. Така и нашата душа не може да се обели колку и да ја чистиме сами со својот труд и напор, со припомош на сите законски средства, додека не ја изнесеме под Божјите нозе, раширена и отворена светлината Божја да ја осветли и да ја обели. Господ и го одобрува и го препорачува секој наш труд и напор. Имено, Он сака својата душа ние со солзи да ја искапеме, со покајание да ја стесниме, со грижа на совеста да ја притиснеме, со добри дела да ја облечеме, но, на крајот на краиштата, Он нè повикува да Му се приближиме: *тогаш дојдете*, говори Господ, *за да се судиме.* Односно, *Јас ќе погледнам во вас и ќе видам дали Сум во вас, и вие ќе погледнете во Мене како во огледало, и ќе видите какви сте*.

О Господи, бавен по гневот, смилувај се на нас пред последниот гнев во оној Страшен ден. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

6 АВГУСТ

Преображение на Господ и Бог и Спасителот наш Исус Христос. Во третата година од Својата проповед на земјата, Господ Исус почесто им зборувал на Своите ученици за Своето блиско страдање, но воедно и за славата Своја по страдањето на крстот. Сосема да не гираслаби учениците со Неговото страдање што претстоело и да не отпаднат од Него, Он Премудар сакал пред страдањето делумно да им ја покаже Својата божествена слава. *По шест дни ги зеде Исус со Себе Петра, Јакова и Јована, и ги изведе на висока гора* (Тавор) *сами; и се преобрази пред нив; и лицето Негово светна како сонце, а алиштата Му станаа бели како светлина.* И ете, им се јавија Мојсеј и Илија, кои разговараа со Него. *Тогаш Петар Му одговори на Исуса и рече: Господи, добро ни е да бидеме овде; ако сакаш да направиме тука три сеници (шатори): една за Тебе, една за Мојсеја и една за Илија.* Додека говореше тој, ете, ги засени светол облак и се чу глас од облакот, кој велеше*: Овој е Мојот возљубен Син, во Кого е Мојата волја; Него послушајте Го!* И кога го слушнаа тоа учениците, паднаа ничкум и многу се уплашија. Но Исус, штом се приближи, се допре до нив и им рече: *Станете и не плашете се!* (Мат. 17,1–8). Зошто Господ зел само тројца ученици на Тавор а не сите? Затоа што Јуда не бил достоен да ја види божествената слава на Учителот, Кого тој ќе Го предаде, а него самиот, Господ не сакал да го остави под горага, та со тоа предавникот да не го оправдува своето предавство. Зошто се преобразил на горага, а не во долината? За да нè научи на две добродетели: на трудољубие и на богомислие. Оти за качувањето на височина е потребен труд, а височината ја претставува висината на нашите мисли, т.е. богомислието. Зошто се преобразил ноќе? Затоа што ноќта е попогодна за молитва и за богомислие отколку денот, и оти ноќта ја покрива со темнина сета земна убавина, а ја открива убавината на ѕвезденото небо. Зошто се јавиле Мојсеј и Илија? Да се разбие еврејската заблуда дека Христос е еден од пророците – Илија, Јеремија или некој друг, затоа Он се јавил како Цар над пророците, и затоа Мојсеј и Илија се јавиле како слуги Негови. Дотогаш Господ многупати им ја покажувал на учениците Својата божествена моќ, а на Тавор им ја покажал

Својата божествена природа. Тоа видение на Божеството Негово и слушањето на небесното сведоштво за Него како за Син Божји требало да им послужи на учениците, во деновите на страдањата Господови, на утврдување на непоколебливата вера во Него и Неговата крајна победа.

РАСУДУВАЊЕ

Зошто Господ не ја покажал Својата божествена сила на Тавор пред сите ученици, туку само пред тројца? Затоа што, прво, Он самиот, преку устата на Мојсеј, го дал законот: *при сведочењето на двајца или тројца сведоци, се донесува решение* (V Мој. 19:15)... Тројца сведоци се доволни. Понатаму, и уште затоа што тие тројца сведоци биле одбрани. Тие тројцата ги претставуваат трите главни добродетели: Петар – ***верата***, бидејќи тој прв ја искажал својата вера во Христа како Син Божји, Јаков – ***надежта,*** бидејќи со надеж во ветувањето Христово прв го положил својот живот за Господа како прв убиен од Евреите, Јован – ***љубовта,*** бидејќи бил навален на градите Господови и бил под Крстот Господов каде што останал до крајот. Бог не се нарекува Бог на многуминната, туку Бог на избраните. *Јас Сум Бог Аврамов, Исааков и Јаковов*. Честопати Бог повеќе го ценел еден верен човек отколку еден цел народ. Така Он повеќепати сакал да го уништи израилскиот народ, но заради молитвите на праведниот Мојсеј го оставил тој народ во живот. И повеќе Бог го слушал верниот пророк Илија отколку целото царство на неверниот Ахав. Заради молитвата на еден човек, честопати Бог спасувал цели градови и народи. Така, грешниот град Устјуг требало да биде разурнат со оган и со град, ако не го спасила молитвата на еден единствен праведник во него, св. Прокопиј јуродивиот (8 јули).

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Божјата промисла што ја наградила добродетелта на Рута и на Воз (Рут.), и тоа:

1. како Рута, останувајќи вдовица, ѝ останала верна на својата стара свекрва и со својот труд ја хранела и неа и себеси;

2. како богатиот Воз бил милостив и ги помагал овие две сиромашни жени;

3. како Воз и Рута стапиле во брак од кој се родил Овид, таткото на Јесеј, на Давидовиот татко.

БЕСЕДА
за возвишеноста на Божјата црква

И еше, во последнише дни ѓораша на домош Госиодов ќе биде йосшавена на врвош од йланинише и ќе се возвиши над ридовише, ќе йојдаш кон неа сише народи (Иса. 2:2).

Ова пророштво се однесува на Христовата Црква. Колку и да можело ова пророштво да изгледа таинствено за Евреите пред Христа, толку тоа денес нам ни е сосема јасно. Горната или височината на домот Господов навистина е потврдена над врвот од планините, т.е. на врвот од небесните височини; бидејќи, прво, Црквата Христова не се држи на земјата, туку на небото, и второ, бидејќи еден дел од членовите на црквата (и тоа сега поголемиот дел) се наоѓа на небото, додека другиот дел е уште на земјата.

Понатаму, Христовата Црква е возвишена над ридовите, т.е. над сите земни и човечки големини. И човечката филозофија, и уметноста, и сите култури на народите, и сите земни вредности се само ниски ридови според недогледната височина на Црквата Христова. Бидејќи сите тие ридови на Црквата не ѝ било тешко да ги создаде, додека ниеден од нив – ниту сите тие заедно, во текот на многу илјади години, не можел да ја создаде Црквата.

Најпосле, пророкот говори: *Ќе йојдаш кон неа сише народи.* Кон кого, навистина, досега пошле сите народи, ако не кон Црквата Христова? Ерусалимскиот храм бил непристапен за незнабожците под закана со смртна казна. Црквата, пак, од почетокот ги повикувала сите народи на земјата, послушна на заповедта на Господа: *Одеше и научеше ѓи сише народи* (Мт. 28:19).

Тоа е видението на Исаија, синот на Амос, видение од далечна далечина, вистинско и чудесно видение.

О Господи чуден, ние непрестајно Ти благодариме што си нè удостоил да бидеме деца на Твојата света и вистинска Црква, возвишена над сите светски височини. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

7 АВГУСТ

1. Преп. мч. Дометиј. Роден е во Персија како незнабожец, во времето на царот Константин. Како момче се запознал со верата Христова, го оставил незнабоштвото и се крстил. Толку ја возљубил вистинската вера што напуштил сè светско и се замонашил во еден манастир кај градот Нисивиј. Поживеал во братството некое време, па се оддалечил на безмолвие при некој архимандрит Нурвел, за кого се вели дека 60 години немал јадено ништо варено. Старецот Нурвел го ракоположил за ѓакон, па кога сакал да го унапреди и во чин свештеник, Дометиј побегнал во некоја пустинска гора и се населил во една пештера. Достигнал толкаво совршенство низ пост, молитва, бдеење и богомислие што исцелувал болни. Кога дошол во тие предели Јулијан Отстапникот, чул за Дометија, па испратил луѓе кои го заѕидале во пештерата жив со двајца негови ученици. Така го завршил животот овој Божји светител во 363 година и се преселил во Царството Божјо.

2. Преп. Ор. Отшелник тиваидски. Со преголем подвиг достигнал големо совршенство. Кога себеси добро се утврдил и се просветлил во самотијата, тогаш основал постепено неколку манастири и бил одличен духовен водач и наставник на многу монаси. Руфин, кој го посетил, вака го опишува: „Во својата облека тој личел на ангел Божји, деведесеттолетен старец, со долга брада, бела како снег, со многу пријатна надворешност. Неговиот поглед светел со нешто натчовечко“. Многупати гледал ангели Божји. Особено се трудел никогаш да не изрече невистина. Имал големи искушенија од демоните, но трезвено и храбро совладал сè. Се причестувал секојдневно. Еднаш ученикот го опоменал дека дошол Велигден и дека треба да се празнува. Откако го чул тоа, тој излегол надвор, ги кренал рацете кон небото и три дена поминал во молитва без одмор. Па му објаснил на ученикот: „Тоа и е празнување на Велигден за монахот, умот

свој да го возвиши и со Бога да го соедини". Се упокоил во длабока старост околу 390 година.

3. Св. мч-ци Марин и Астериј. Првиот бил војник, а вториот римски сенатор. Во времето на царот Галиен св. Марин служел како војник во Кесарија Палестинска. Поради верата Христова, бил обезглавен со меч. На неговото страдање присуствувал сенаторот Астериј, кој бил христијанин. Тој ја симнал од себе својата долама, со неа го повил телото на маченикот, го зел на рамо, го однесол и чесно го погребал. Незнабожците, видувајќи го тоа, го погубиле и него со меч. Чесно пострадале за Христа околу 260 година.

4. Преп. Пимен Многуболезлив. Од малечок болезлив и од малечок желен за монаштво. Донесен во Печерската лавра заради исцеление, тој тука останал до смртта. Му се молел на Бога повеќе за болест отколку за здравје. Ноќе му се јавиле ангели и го потстрижиле за монах. Во таа прилика му рекле дека до смртта ќе боледува и дека пред самата смрт ќе оздрави. Така и било: 20 години лежел в постела. Правел чуда за време на животот и бил необично предвидлив. Пред смртта, станал од постелата потполно здрав, веднаш си го подготвил својот гроб и се упокоил во Господа во 1110 година.

5. Свешт-мч. Наркис патријарх Ерусалимски. Обезглавен во времето на Антонин, во 213 година, во 116. година од својот живот.

РАСУДУВАЊЕ

Немој да се грижиш ниту за праведникот ниту да му завидуваш на грешникот. Сети се секогаш дека Господ Христос со воскресението ја победил срамната смрт, а Ирод, Јуда, Нерон, Јулијан Отстапник, Валеријан, Лав Ерменецот и други христоборци со срамната смрт засекогаш ги умртвиле своите привремени успеси и победи. Патријархот св. Наркис, завидливците го накажале за нарушување на целомудрието. Невиниот Наркис се оддалечил во пустината и многу години спровел во безмолвие и трпливо чекање Бог да го направи своето. Тројца патријарси по него се промениле и дури тогаш се појавиле луѓе кои јасно ја докажале неговата невиност. Тогаш сите го присилиле да се врати од пустината на својот престол. Така Бог ги оправдува праведниците. Крвавиот цар Валеријан со сатанска страст ги уби-

вал христијаните по целиот свет. Па како завршил? Во војната со Персијанците бил победен и заробен од царот Сапор (Савориј). Сапор не сакал веднаш да го убие, туку го користел за поткрепа кога сакал да го јавне својот коњ. Секој ден слугите со коњот го приведувале и Валерија и Сапор уживал да застане со ногата на вратот на римскиот цар, та полесно да го јавне коњот. Лоша жетва жнее оној кој сее лошо семе.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Божјата милост кон неродилката Ана, мајката на Самоил (I Цар. 1), и тоа:

1. како Ана била бездетна и во тага Го молела Бога да роди син, ветувајќи дека ќе го посвети на Бога;
2. како Бог ја почул молитвата на Ана и таа родила син и го нарекла Самоил (од Бога испросен);
3. како Ана го однесла Самоила во храмот и го посветила на Бога.

БЕСЕДА
за новиот закон од Сион

Зашто од Сион ќе излезе законот и од Ерусалим – словото Господово (Иса. 2:3).

За новиот закон и за новиот збор говори пророкот. Стариот закон е даден на Синај, а новиот ќе дојде од Сион. Стариот закон е даден преку Мојсеја, а новиот ќе го донесе самиот Господ Христос. Оној во почетокот бил наменет само за Евреите, овој ќе биде наменет за сите народи, за целиот човечки род. Иако сите пророчки зборови се јасни, сепак Евреите не можеле да ги разберат. Смислата на сите зборови за нив била затворена заради скаменетост на нивните срца. На кого тие мислат дека се однесуваат овие зборови? На никого. Како тие ги толкуваат овие зборови? Никако. Тие поминуваат покрај нив како слепец покрај отворена врата. Да можеле да ги разберат овие зборови, зар би постапиле онака како што постапиле и со пророкот и со Пророкувани-

от? Зар Исаија со пила би го пресекле, а Христа на крст би го распнале?

Мојсеевиот закон Евреите го сметале за еден и за последен Божји закон. Затоа тие не можеле да ја увидат смислата на пророштвото за новиот закон на Сион, т.е. од домот Давидов (бидејќи Давид го прославил Сион). Но ако Евреите не знаеле низ стариот закон да го увидат новиот, ние христијаните знаеме дека преку новиот закон ќе го увидиме стариот. Тие имале само дрво без плодови, а ние имаме и дрво и плодови. Тие имале само слики без вистина, а ние имаме, и вистина, и слики. Тие го држеле само ветувањето – и тоа криво разбрано – а ние имаме, и ветување, и исполнување.

О Господи пребогат Кој нѐ обогатуваш со Твојот духовен закон и со Твојот животворен збор, на Тебе единствено Ти се поклонуваме и Тебе Те молиме: дај ни мудрост и сила да живееме по Твојот закон и да го одржуваме Твојот свет збор. Да не осиромашиме пред Тебе што си нѐ научил да бидеме богати. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

8 АВГУСТ

1. Св. Емилијан Исповедник еп. Кизички. Бил епископ во Кизик за време на опакиот цар Лав Ерменецот, иконоборецот. Откако не сакал да се покори на царските декрети за исфрлање на иконите од црквата, и тој, со другите православни епископи, бил испратен во прогонство. Во прогонство проживеал 5 години, трпејќи многу маки и многу понижувања заради Христа. Завршил во 820 година и се преселил меѓу небесните граѓани.

2. Св. Мирон Чудотворец еп. Критски. Прво бил оженет и се занимавал со земјоделство. Од плодовите земни од својот имот Мирон им раздавал со волја и обилно на бедните луѓе. Еднаш затекол непознати арамии на своето гумно кај што крадат жито. Не кажувајќи се кој е, св. Мирон им помогнал на арамиите да ги наполнат вреќите, им помогнал и да ги кренат на грб и да избегаат. Поради преголемите добродетели, бил ракоположен за презвитер, а потоа и за епископ. Бил голем чудотворец и правел многу добри и моќни дела со името на Господа Исуса. Се упокоил околу 305 година во својата старост од 100 години.

3. Преп. Григориј Синаит. Наречен бил Синаит затоа што се замонашил на гората Синајска. Во времето на царот Андроник Палеолог, околу 1330 година, дошол на Св. Гора да ги посети манастирите и да дознае нешто за умната молитва и за созерцанието. Но овие духовни дејности биле во тоа време, безмалку, непознати меѓу светогорците. Единствениот кој ова го знаел и до совршенство го практикувал бил св. Максим Капсокаливит. Григориј го распространил своето учење за умната молитва по сите келии и манастири на Св. Гора. Негов бележит ученик бил Калист, подоцнежен патријарх Цариградски, кој и го напишал житието на св. Григориј. Потоа Григориј преминал во Македонија и во другите краишта на Балканот и основал обители во кои монасите се вежбале во умствената молитва. Така тој им помогнал на многумина да се задлабочат и да се спасат. Неговите списи за умната молитва и подвижништвото се наоѓаат во „Добротољубието“. Меѓу останатото, напишал и припеви кон Светата Троица, „Достојно е“, што се пее на воскресенската полунокница. Спаѓа меѓу најпознатите подвижници и духовни учители на Балканот. Мирно се упокоил од многу тешкиот живот и се преселил во Царството Христово.

4. Св. новомч-ци Триандафил и Спасо. Триандафил бил родум од Загора, а Спасо од Радовиш, епархија Струмичка. Двајцата Словени–Македонци, двајцата млади и прости луѓе. Но љубовта Христова им била помила од светот и животот. Животот го дале, но Христа не Го изневериле. За верата Христова пострадале од Турците и тоа Триандафил во Цариград во 1680 година, а Спасо во Солун во 1794 година.

5. Св. мч. Гормиздас. Бил големец на дворот на персискиот цар Издегерд. Бидејќи не сакал да се одрече од Христа, царот го разжалостил одземајќи му го чинот и имотот и го испратил да ја чува стоката. Царот се надевал дека Гормиздас набргу ќе зажали по чинот и имотот и дека ќе им се поклони на идолите. Но царот се прелагал. Гормиздас спокојно ја чувал стоката и ја држел својата вера. Затоа царот го ставил на остри маки, но успеал само да го исцеди телото на Христовиот маченик, а не и да го смени неговиот дух. Најпосле светиот Гормиздас бил убиен во 418 година, веднаш по страдањето на св. еп. Авда (види, 31 март). Пострадал на земјата и се прославил на небото.

РАСУДУВАЊЕ

Живот и смрт ти предложив јас, благослов и проклетство, рекол Мојсеј на синовите Израилеви, *избери го животот за да бидеш жив ти и потомството твое* (V Мој. 30:19). Постојат пресудни моменти во човечкиот живот кога на човекот навистина му е оставено да избере живот или смрт. Јуда во пресудниот момент го соблазнило среброто и тој ја избрал смртта, т.е. гревот на среброљубието. Кога старешината сакал да го произведе војникот Марин (види, 7 август) во офицер, некој завидливец го тужел дека тој е христијанин. Старешината му наложил рок од три часа да размисли и да избере живот или смрт, т.е. или да се одрече од Христа или да умре. Марин кога го слушнал својот старешина, отишол кај месниот епископ Теотекна и го прашал за совет. Епископот го вовел во црквата, го ставил пред ***Евангелието***, па покажувајќи му со раката првин на ***Евангелието***, а потоа на мечот што бил обесен на колковите на Марин, му рекол: „Избери, храбро момче, едно од овие двете: или да носиш меч и на привремениот земен цар да му служиш, а по смртта вечно да погинеш, или да постанеш војник на Царот небесен и да го положиш својот живот за Неговото свето име, напишано во книгата и да царуваш со Него во бесмртниот живот“. Марин веднаш се решил, го целивал ***Евангелието*** и заминал – преку смртта во вечниот живот.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното Божјо јавување на детето Самоил (I Цар. 3), и тоа:

1. како една ноќ, кога Самоил лежел, го викнал Господ по име трипати:

2. како Господ му ја искажал заканата на Израилевиот дом заради расипаноста на Израилевите синови и заканата за целиот Израил;

3. како Господ не сакал да му се јави на првосвештеникот Илија ниту на неговите синови, туку на Самоил, невиното детенце.

БЕСЕДА
за Христовото миротворство

Ќе ги ӣрековааӣ (народиӣе) мечевиӣе свои во ӣлуӷови, а коӣјаӣа свои – во срӣови: народ ӣроӣив народ нема да крене меч и нема ӣовеќе да се учаӣ на војна (Иса. 2:4).

Колку јасно пророкот го гледа миротворецот Христос! Тој ги истакнува едно по едно достоинствата на Спасителот. Прво Го истакнал како Законодавец на новиот закон и тоа закон за сите тешкотии на земјата. Потоа ја истакнал Неговата возвишеност над сите височини земни и историски. Сега, пак, Го истакнува како Миротворец со чија сила и љубов ќе се претопат мечевите во плугови, а копјата во српови. Дали се исполнило ова големо пророштво за мирот? Да, и покрај тоа што сè уште има војни. Гледај, војните помеѓу христијанските народи не се исто што и војните помеѓу незнабожците. Незнабожците војувале со гордост, христијаните војуваат со срам. Незнабожечките вери го населиле своето небо само со борци, христијанската вера им го ветува небото на светителите. Како што христијаните повторуваат според слабоста и некои други незнабожечки гревови, така го повторуваат и гревот на војувањето. Но Бог ги испитува срцата и знае со какво настроение незнабожците грешат, а со какво христијаните. Фарисеите Го одрекувале Христа, а Го одрекол и Петар. Но фарисеите Го одрекувале со непокајана злоба, а Петар Го одрекол со срам и повторно Го признал со покајание.

Но што да кажеме, браќа, за мечевите и за копјата на страста со кои ги убиваме нашите души и душите на своите ближни? О кога би ги̂ ковале тие мечеви во плугови за длабоко да ги ораме душите и да го сееме благородното семе на Христовиот мир во себе! И кога би ги пресковале тие копја во српови да го жнееме коровот во душите и да го изгоруваме! Тогаш Христовиот мир ќе се зацари во душите на сите нас како што се зацарил во душите на светителите. Кој тогаш би помислил на војна против соседот и соседните народи?

О колку е убаво видението на Исаија, синот Амосов, Божјиот пророк?

О Господи, со огнот на Твојот збор прековај го оружјето на војната во нас во алати за мир. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

9 АВГУСТ

1. Св. ап. Матиј. Родум е од Витлеем, од племето Јудино. Се учел кај св. Симеон Богопримецот во Ерусалим. Кога Господ излегол на проповед за Царството Божјо, тогаш и Матиј се придружил кон оние кои Го љубеле Господа, оти и самиот тој со сето срце Го љубел, со наслада зборовите Негови ги слушал и делата Негови ги гледал. Во почетокот Матиј бил вброен во седумдесетте помали ученици Христови, но по Воскресението на Господа, бидејќи местото на Јуда предавникот било испразнето, апостолите со ждрепка го избрале Матиј на местото Јудино за еден од Дванаесетте големи апостоли (Дела 1:23). Примајќи Го Светиот Дух на Педесетницата, Матиј пошол на проповедување на ***Еванѓелието***, и проповедал прво во Јудеја, потоа во Етиопија, каде што претрпел големи маки заради Христа. Се мисли дека проповедал и по Македонија каде што сакале да го ослепат, но тој постанал невидлив за своите мачители и така ја избегнал опасноста. Бидејќи бил во самица, Господ му се јавил, го закрепил и го ослободил. Најпосле се вратил на работа повторно во Јудеја. Тука бил обвинет и на суд изведен пред првосвештеникот Анан, пред кого тој нестрашливо сведочел за Христа. Анан, оној истиот Анан кој пред тоа го убил апостолот Јаков, го осудил Матија на смрт. Тогаш го изведе св. Матиј и го убиле со камења, а потоа со секира му ја пресекле главата (ова било римски начин на убивање на осудените, а лицемерните Евреи го примениле тоа над мртов човек за да им покажат на Римајните дека убиениот бил и римски противник). Така завршил овој голем апостол Христов и се вселил во радоста вечна на својот Господ.

2. Св. мч. Антониј. Граѓанин на Александрија. Изведен пред незнабожечкиот кнез, тој слободно ја изјавил верата своја и бил мачен, бил тепан и стружен, но од Христа не сакал да се одрече. Најпосле бил фрлен во оган, од каде што тој му зборувал на народот: „Браќа мои возљубени, не робувајте му на телото, туку грижете се повеќе за душата, која ви е дадена од Бога и сродна е на Бога и на божествените

сили". И така, поучувајќи го народот и горејќи во огнот, ја предал својата света душа на Бога.

3. Св. мч-ци Јулијан, Маркијан и други со нив. Пострадале за одбрана на иконите од опакиот цар Лав Исавријанин во 716 година и се венчале со неувенлива слава.

РАСУДУВАЊЕ

Да се прими туѓиот грев на себе, тоа е еден вид мачеништво и знак на преголема љубов кон ближните. Кога последица на гревот е смртта (Јаков, 1:15), тогаш да се прими туѓиот грев врз себе е да се натовари на својата смрт уште една смрт. Но Бог ги наградува со воскресение оние кои од љубов примаат туѓа смрт на себе. Има многу примери како светителите ги примале на себе гревовите на своите ближни. Така, за св. Амон се раскажува ова: некој брат паднал во грев, па дошол кај Амон и му рекол дека заради направениот грев мора да го напушти манастирот и да замине во светот. Амон му рекол дека тој го зема на себе неговиот грев и го посоветувал братот да остане во манастирот. Братот останал во манастирот, а старецот Амон почнал да принесува покајание и молитви кон Бога. По кусо време, старецот добил откровение од Бога дека тој грев е опростен заради неговата љубов кон братот.

Кога св. Макариј, св. Симеон јуродив, св. Теодора и некои други биле тужени за блуд, тие не се бранеле, туку примајќи го на себе туѓиот грев, примиле и тешка казна за гревот и трпеливо поднесувале сè додека Бог не ја открил нивната невиност пред луѓето.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Божјата казна над израилскиот народ заради гревот на синовите на Илија, судијата и првосвештеникот (I Цар. 4), и тоа:

1. како синовите на првосвештеникот грешеле јавно и тајно во Силоам покрај ковчегот на заветот;

2. како Бог им дал победа на Филистејците над Израилот во борбата, во која загинале многу илјади Израилци заедно со синовите на првосвештеникот и ковчегот на заветот бил запленет;

3. како заради гревот на народните старешини Бог му допушта мака на целиот народ.

БЕСЕДА
за ништожноста на грешникот спрема Божјото величие

Влези во карпата и скриј се во земјата од страв пред Господа и од славата на Неговото величие (Иса. 2:10).

Ова е горчлив потсмев на пророкот кон својот народ, кон идолопоклоничкиот народ. Народот ја отфрлил верата во единствениот и вистински Бог и почнал да се поклонува на идолите од камен и од земја. Што ќе правиш лош народе, кога ќе се покаже стравот Господов? Каде ќе побегнеш кога ќе се јави славата на Неговото величие? Бегај во каменот од што си го направил својот бог. Бегај во прашината од што си направил бог! О колку е застрашувачко потсмевањето на видовитиот пророк! Кој може да влезе во карпата и да се скрие? Кој може да побегне во прашината и да се скрие од Севишниот?

Но, браќа, да го оставиме еврејското идолопоклонство за кое Евреите биле доволно казнети и за час да го разгледаме идолопоклонството помеѓу нас христијаните. Што е натрупаното злато, ако не е идол? Што се заграбените ниви, ако не се идол од прашина? Што е раскошната облека, ако не е идол направен од животинска кожа и од влакна? Каде ќе се скријат идолопоклониците од нашето поколение кога ќе се покаже стравот Господов и кога ќе се појави славата на Неговото величие? Бегај во златото, златопоклонику! Бегај во земјата, земјопоклонику! Скриј се во животинската кожа и покри се со влакната од лисицата и со влакната на дабарот, идолопоклонику! О горчлива иронија! Сето тоа огнот ќе го изгори на Господовиот ден, во оној Страшен ден. И човекот ќе застане лице во лице со Единствениот Величествен и Непрооден. Сите човечки идоли ќе пропаднат од огнот пред луѓето, а бесмртниот Судија ќе ги праша идолопоклониците: „Каде ви се вашите богови?“

Одамна живеел Исаија на земјата, синот на Амос, Божјиот пророк, но неговото видение и ден–денешен е страшно, и корисно, и повторно страшно.

На Тебе единствениот ние Ти се поклонуваме, единствен жив Господи. Сето останато е минлива прашина. Помогни ни, Господи, помогни ни, умот и нашето срце да не се прилепат за минливата прашина, туку за Тебе, само за Тебе, единствениот Жив Бог. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

10 АВГУСТ

1. Св. мч-ци Лаврентиј архиѓакон и Сикст папа, и други со нив. Кога погинал папата Стефан (види, 2 август), на негово место бил поставен св. Сикст, кој бил роден атињанин, првин филозоф, а потоа христијанин. Во тоа време римските епископи гинеле еден по друг така што да се стане епископ во Рим значело исто што и да се биде изведен на смрт. Царот Декиј бил решен да го уништи христијанството и папата Сикст набрзо бил изведен на суд со двајцата свои ѓакони, Феликисим и Агапит. Кога ги повеле во самица, Лаврентиј му рекол на папата: „Каде одиш, оче, без својот син? Каде, архијереју, без својот архиѓакон?“ Папата го утешил предвидувајќи му дека и тој ќе поднесе уште поголеми маки за Христа и наскоро по него ќе појде. И навистина, штом ги исекле Сикста и двајцата ѓакони, го фатиле Лаврентија. Претходно тој ги привел во ред своите и црковните работи. Како чувар на благата и економ на црквата, тој ги пренесол сите црковни драгоцености во домот на некоја вдовица, Киријакија. Во таа прилика тој ја исцелил Киријакија од тешка главоболка со допир на раката, а на слепиот Крискентион му го повратил видот. Фрлен во самица, Лаврентиј и таму исцелил од слепило некој долгогодишен затвореник Лукилиј и потоа го крстил. Видувајќи го тоа, се крстил и темничарот Иполит, кој после пострадал за Христа (види, 13 август). Кога Лаврентиј не сакал да се одрече од Христа, туку уште повеќе го советувал царот Декиј тој да се одрече од лажните богови; бил тепан со камења по лицето и по целото тело со скорпија, т.е. со синџир со остри запци. Некој војник Роман, присутен на мачењето, поверувал во Христа и веднаш бил исечен. Најпосле го ставиле Лаврентија гол на

железна леса и запалиле оган под него. Печејќи се на огнот, св. Лаврентиј Му благодарел на Бога и му се потсмевал на царот заради незнабоштвото. Кога ја предал својата чиста и храбра душа на Бога, телото негово ноќе го зел Иполит и го однесол прво во домот на Киријакија, а потоа во една пештера, во која чесно го погребал. Св. Лаврентиј со останатите пострадал во 258 година.

2. Св. Ирон. Христијански филозоф. Го споменува св. Григориј Богослов во своите книги. Мирно се упокоил и се преселил кај Господа.

РАСУДУВАЊЕ

Како да го победиме непријателството на нашите непријатели? Со отстапување, со кроткост и со молитва. Отстапување во сѐ, освен во верата и во чистотата на животот, во кроткоста и во молитвата, секогаш и насекаде. Св. Амбросиј пишува: „Тоа е оружјето на праведниците, отстапувајќи да победуваат, како што вештите стрелци имаат обичај бегајќи да ги отстрелуваат посилните од себе“. Некој брат бил навреден од својот другар, но сепак, сакајќи со него мир, отишол кај него да се помири. Но другарот не сакал ни вратата да му ја отвори и карајќи го однатре го изгонил од својот дом. Братот се пожалил на еден духовник, а овој му рекол: „Одејќи по патот кон твојот другар за да се смирите, ти целиот пат во мислите си го осудувал, а себе си се оправдувал. Те советувам, ако твојот другар згрешил против тебе, ти зацврсти ја мислата во тебе како ти да си му згрешил и така појди кај него, и во мислите оправдувај го него, а себе си осудувај се!“ Братот така и постапил. И што се случило? Штом стасал до домот на својот другар, овој ширум му ја отворил вратата, притрчал и го прегрнал навредениот брат и се смирил со него.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за казната што ги снашла Филистејците заради грабнатиот ковчег на заветот (I Цар. 5–6), и тоа:

1. како нападнале гадинки на народот и глувци на полските посеви каде што Филистејците го поставиле ковчегот на заветот;

2. како исплашените Филистејци сами го вратиле ковчегот на заветот во израилската земја;

3. како Божјата светиња ги казнува оние кои ја држат во земја нечиста од идоли или во срцето нечисто од страстите.

БЕСЕДА
раслабеноста на грешникот

Народе Мој, твоите водачи те доведуваат до заблуда и го растуриле патот по кој одиш (Иса. 3:12).

Сè што е од Бога, тоа е прекрасно и премудро. Секое Божјо создание оди послушно по оној пат којшто Бог го определил. И ѕвездите се движат, и животните живеат, и воздушните струи се управуваат – сè според редот воспоставен од Бога. Само човекот, најразумното битие, честопати паѓа во безумие и оставајќи го Божјиот пат измислува нови патишта според своите помисли. Оттука може да се случи, наместо старци, деца да постанат старешини, и наместо мажи, жени да завладеат. Но, кога децата се старешини, владее насилство и кога жените владеат, обично, царува безредие. Кога тоа ќе се дозволи од Бога – бидејќи тоа не се случува без народниот грев и без Божја дозвола – тогаш народот се наоѓа под казна за своите гревови, исто онака како кога ќе настане војна и непријателот ќе ја покори земјата, бидејќи секое насилство е војна и секое безредие е казна за гревот.

Но, како што насилството и безредието можат да завладеат во еден народ, така тие можат да завладеат и во душата на еден човек. Незрелите и непобожните мисли ги претставуваат децата, а телесните чувствени мудрувања ги претставуваат жените. Кога преовладуваат незрели и безбожни мисли, тогаш тие прават насилство над човекот и го влечат од зло во зло како кога судат децата; и кога телесното мудрување ќе надвладее над духовното, над мажествената мудрост што е од Бога, тогаш тие загосподаруваат над човекот како лоша жена. Под „жени“, пророкот подразбира не само жени, туку и мажи со женски слабости.

За да не завладеат детското безумие и женското мудрување над човекот или над народот, потребно е строго да

се придржуваме кон законот Божји што е даден од Бога за луѓето како што сите создадени работи се придржуваат кон Божјиот закон даден за нив.

О Господи, Создателу и Законодавецу наш, просвети нè и поткрепи нè. Просвети нè со благодатта на Духот, секогаш да го знаеме Твојот закон и поткрепи нè со силата на Духот секогаш да се придржуваме кон Твојот закон. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

11 АВГУСТ

1. Св. мч. Евпл. Ѓакон во Катана Сицилиска. Царот Диоклецијан го испратил војводата Пентагур во Сицилија да ги уништи христијаните, ако таму ги најде. Пентагур не нашол ниеден христијанин, бидејќи оние малку што ги имало се криеле од гонителот и не се објавувале себеси. Тогаш некој го обвинил св. Евпл како оди со некоја книга кај тајните христијани и им ја чита. Таа книга била светото ***Еванѓелие***. Бидејќи го извеле на суд за кусо време, му ја обесиле книгата за вратот и го одвеле во самица. По 7 дена самување и гладување, бил предаден на мачење. Кога го тепале со железни палки, Евпл, ругајќи му се му рекол на судијата–мачител: „О безумнику, зар Евпл не го отвори светото ***Еванѓелие*** и долго не му читаше ли од него на народот, гледаш ли дека овие маки за мене се како пајажина поради Божјата помош? Ако сакаш пронајди некои други, поостри, оти овие се како играчка“. Најпосле маченикот Христов го извеле на губилиштето. Тогаш многумина се обратиле во верата Христова, а св. Евпл бил исечен во 304 година и се преселил во Царството небесно. Чудотворните мошти му лежат во едно село близу до Неапол, наречено *Вицо де ла Батониа*.

2. Св. мч-чка Сузана девица и други со неа. Ќерка на римскиот презвитер Гавиниј, а внука на папата Гај. Гај и Гавиниј биле од царски род и роднини на тогашниот цар Диоклецијан. Овој цар имал посинок по име Максимијан Галериј, кого сакал да го ожени со Сузана. Но Сузана Му била предадена на Христа Господа и не сакала воопшто да чуе за брак, а особено не за брак со некрстен човек. Тие коишто ја побарале за царевиот син, големците Клавдиј и Максим, Сузана ги обратила во верата христијанска со целиот

нивни дом. Разлутен поради ова, царот наредил, та џелатите ги одвеле Клавдиј и Максим со нивните семејства во Остија каде што на оган ги изгореле и нивната пепел ја фрлиле во морето. Сузана, пак, била со меч исечена во куќата на Гавиниј. Царевата жена, Сирена, тајна христијанка, ноќе го зела маченичкото тело на Сузана и чесно го погребала. А папата Гај ја направил куќата во која што погинала Сузана црква и служел богослужби во неа. Наскоро по страдањето на оваа невеста Христова, пострадал и нејзиниот татко Гавиниј и стрикото, папата Гај. Сите чесно пострадале за Господа и го примиле венецот на славата во 295 и 296 година.

3. Св. Нифонт патријарх Цариградски. Родум од Грција. Во младоста станал инок и се подвизувал прво надвор од Света Гора, а потоа во Св. Гора, во разни манастири, задржувајќи се најмногу во „Ватопед" и „Дионисијат". Бил сакан од сите светогорци, како поради ретката мудрост, така и поради необичната кроткост. Не по своја волја, станал епископ Солунски. Но после две години отишол по работа во Цариград и таму го избрале на испразнетиот патријаршиски престол. Бил прогонет од султанот во Едрене, каде што живеел како прогонет. Влашкиот кнез Радул го измолил од султанот и го поставил за архиепископ Влашки. Поради престапот Радулов, Нифонт ја напуштил Влашка и отишол во Св. Гора, во обителта „Дионисијат". Таму се подвизувал до својата 90. година, кога се преселил во Царството Божјо, во 1460 година. Тој ја составил разрешната молитва што се чита на опелото.

4. Препод. Василиј и Теодор Печерски. Двајцата го завршиле животот на земјата од насилството на среброљубивиот кнез Истислав во 1098 година. Житието на св. Теодор особено е поучно за среброљубивите. Теодор бил многу богат, па го раздал своето богатство на сиромаси и се замонашил. Потоа се покајал и зажалил по богатството, и бил многу искушуван од лошиот дух на среброљубието, од кого го ослободил св. Василиј.

РАСУДУВАЊЕ

Ако човекот тргне по патот на правдата, тогаш нека оди само по патот на правда со двете нозе и нека не гази со едната нога по патот на правдата а со другата по патот на неправдата. Бидејќи Бог преку пророкот рекол за праведни-

кот: *Сиѿе неѓови добри дела нема да се сѿоменаѿи ѿоради беззакониеѿо шѿо ѓо вршел и ѿоради ѓревовиѿе свои со кои ѓрешел, ѿој ќе умре* (Језек. 18:24). Влашкиот кнез Радул бил праведен човек и правел многу добри дела. Тој го извел св. Нифонт од ропство во Едрене и го довел за архиепископ во Букурешт. Но одеднаш направил страшно беззаконие: на расипаниот молдавски кнез Богдан му ја дал својата сестра за жена, иако Богдановата жена била уште жива. И Радул не сакал да слушне за протестот на Нифонт. Нифонт му прорекол лош крај, го одлачил јавно од Црквата и се оддалечил од Влашко. Наскоро во Влашка настанало суша и голем глад и Радул паднал во неизлечлива болест, рани го покриле неговото тело и од смрдеа никој не можел да му се приближи. И кога го погребале, неговиот гроб се тресел три дена како некогаш гробот на царицата Евдокија, гонителката на св. Јован Златоуст.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за самоволието на еврејскиот народ (I Цар. 8), и тоа:

1. како Евреите барале од Самоил да им постави цар;
2. како Самоил се противел на тоа во името на Господа, кој објавувал дека е Он единствен цар;
3. како народот останал упорен отфрлајќи ја Божјата волја и советите на Самоил.

БЕСЕДА
за тоа како со гревот доаѓа грозотијата

И намесѿо ѿријаѿен мирис, ќе има смрдеа, и намесѿо ѿојас – јаже, намесѿо кадрени коси – ќелави ѓлави, намесѿо убавина – жиѓосување (Иса. 3:23).

Ова се зборови за раскошните и беспатни жени, за ќерките Сионски кои се погордеале и оделе до отворените порти, намигнувајќи со очите, ситно чекорејќи и ѕвечкајќи со нозете. Што ги направило горди еврејските жени? Дали добродетелта? Добродетелта никогаш не ги прави горделии-

ви, бидејќи добродетелта е секогаш лек против горделивоста. Дали силата на народот и постојаноста на државата? Напротив, пророкот токму прорекува скоро ропство на народот и пропаст на државата. Како една од главните причини за ропството и пропаста ја наведува суетната раскош, духовната ништожност и беспаќето на жените. Значи, што ги направило горди и свирепи? Накитот, везовите, ѕвездичките и синџирчињата, обетките и ѓерданите, гривните и појасите, стакленцата со мириси, прстените и алките за нос, торбичките и огледалата. Ете, тоа ги направило горделиви и свирепи. Всушност, сето тоа е израз на нивната горделивост и е главна причина за горделивоста како духовна ништожност. Од духовната ништожност доаѓа горделивоста, а тоа надворешно шаренило што жените го врзуваат на своето тело е само јасно објавување на безумната горделивост. Што ќе биде од сето тоа на крајот? Смрдеа и распашаност, ќелавост и изгоретини. Како што обично се случува: прво духот се заробува со телото, па тогаш телото со надворешен непријател.

Но тоа ќе биде тогаш кога ќе дојде неизбежниот поробувач на нашите тела – смртта. Нема да помогнат мирисите во гробот, во царството на смрдеата. Ниту ќе се потребни појаси за голата грбна коска. Ниту плетенките ќе го спасат ќелавиот череп, ниту сета убавина, црните изгоретини. Тоа е неизбежна несреќа на најубавите, најздравите и најраскошните жени. Но тоа не е најголема несреќа. Најголема несреќа е што душите на тие жени со смрдеа, со распашаност, со ќелавост и со изгоретини ќе излезат пред Бога и пред небесната војска од прекрасни Божји ангели и праведници. Бидејќи смрдеата на телото ја означува смрдеата на душата од блудната похота, распашаните тела ја означуваат ненаситноста на душите по телесно уживање; ќелавоста на телото – ќелавоста на душите од добрите дела и чистите мисли; изгоретините на телото – спаленост на совеста и на умот.

О колку е страшно видението на Исаија, синот на Амос, и тогаш било страшно, а страшно е и денес, страшно е, бидејќи е вистинско.

Господи свет и пречист, помогни им на жените кои се крстат со твојот крст да се потсетат на своите души и да ги очистат своите души пред Твојот праведен Суд. Нивните души заедно со нивните тела да не постанат вечна смрдеа. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

12 АВГУСТ

1. Св. мч-ци Аникита и Фотиј. Царот Диоклецијан еднаш го посетил градот Никомидија со лоша предмисла – тука потполно да ги истреби христијаните. Па кога почнал бездушно да ги измачува христијаните, пред него се појавил св. Аникита, еден од градоначалниците, и смело пред царот ја исповедал својата вера во Христа Господа, Бог воплотен во тело заради нашето спасение. Притоа св. Аникита уште ги изобличил идолите како неми и глуви камења, на кои е недостојно за разумниот човек да им се поклонуваме. Разлутен царот наредил, та јазикот му го отсекле. Но Аникита со силата Божја и понатаму зборувал. Тогаш пуштиле лав на него, но лавот се умилкувал околу него. Во тој час Херкуловиот храм паднал. Фотиј, роднина на Аникита, видувајќи го накажувањето и трпението на Аникита, го целивал Аникита, се објавил себеси за христијанин и му довикнал на царот: „О идолопоклонику, посрами се, боговите твои се ништожни!" Царот наредил веднаш да го обезглават. Но џелатот кревајќи рака на св. Фотиј, самиот себе се удрил со мечот и умрел. По долгите маки, ги фрлиле двајцата в затвор каде што останале три години. Тогаш ги изведе, усвитиле огромна печка и ги фрлиле во оган. Многу други христијани, луѓе, жени и деца доброволно влегле со нив во огнот. И од огнот се чула молитвата на христијаните, со која Му благодареле на Бога за маченичката смрт. Пострадале сите околу 305 година. Св. Аникита и св. Фотиј се призиваат во молитвите при осветувањето на елеј и при водосвет.

2. Свешт-мч. Александар еп. Командски. Како прост ќумурџија живеел во градот Коман близу до Неокесарија. Кога умрел епископот Командски, тогаш бил повикан св. Григориј Неокесариски Чудотворец (види, 17 ноември) да претседава на соборот за избор на новиот епископ. Во соборот имало и клирици и лаици. И бирачите никако не можеле да се согласат на една личност. При оценувањето на кандидатот сите повеќе се задржувале на оцената на нивната надворешност, надворешното достоинство и однесување. Св. Григориј тогаш рекол дека не би требало толку да се гледа на надворешните особини колку на духовните способности. Некои шегаџии потсмешливо извикале: „Тогаш да го

избереме за епископ Александра ќумурџијата!“ И настанала општа смеа. Св. Григориј прашал кој е тој Александар? Па мислејќи, дека неговото име во соборот не е споменато без Божјата промисла, наредил да го доведат на соборот. Ќумурџија како ќумурџија, бил целиот исцрнет и искинат. Самата негова појава повторно предизвикала смеа во соборот. Тогаш Григориј го повикал настрана и го заколнал да му ја каже вистината за себе. И Александар му рекол дека тој бил грчки филозоф, дека уживал висока чест и положба, но дека сè отфрлил, се понижил, се направил безумен заради Христа оттогаш, откако го прочитал и разбрал ***Свето̄то п̄исмо***. Григориј наредил, та го измиле и го облекле во нови алишта, па со него влегол во соборот и пред сите почнал да го испрашува од ***Свето̄то п̄исмо***. Сите ѝ се восхитиле на мудроста и зборовите на благодатта на Александар, и одвај можеле да го познаат во тој мудрец бившиот молчалив ќумурџија. Едногласно бил избран за епископ. Со својата светост, мудрост и добрина ја придобил љубовта на својата паства. Завршил маченички за Христа во времето на Диоклецијан.

РАСУДУВАЊЕ

Научи се да ги почитуваш и да ги сакаш малите и простите луѓе. Такви има најмногу на земјата, а има најмногу и во Божјото царство. Кај нив нема горделивост, т.е. основно безумие, од кое боледуваат душите на богатите и силните на овој свет. Тие честопати ја извршуваат својата должност во вој свет совршено, па сепак им изгледа смешно кога некој ги пофалува за тоа; додека великаните бараат пофалба за секое свое дело, честопати направено и несовршено. Св. Александар бил познат филозоф, па напуштил сè, се скрил од високото општество и од светските пофалби, се замешал во најмалите и најпростите луѓе, како јагленар меѓу јагленарите. Наместо некогашните пофалби и почести, тој со радост поднесувал децата да трчаат по него, да му се смеат за неговата нечистотија и за искинатото облекло. Но тој не е единствениот што сакал да живее со малите и со простите. Многумина цареви и кнезови, запознавајќи ја убавината на Христовата вера, ги симнувале од главите своите круни и бегале од суетата на големците помеѓу простите луѓе. Зар самиот Цар на царевите, нашиот Господ Христос не се појавил меѓу пастирите и рибарите? Св. Зенон советува: „Не

избирај славно место за живеење и не дружи се со човек со звучно име".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната промисла Божја при изборот на Саула за цар (I Цар. 9), и тоа:

1. како Саул тргнал да ја бара изгубената магарица;

2. како го сретнал Самоил, на кого Бог му објавил да го земе Саула за цар на Израилот;

3. како промислата Божја управува со луѓето и понекогаш им го дава она на кои тие и не се надеваат.

БЕСЕДА
за страшната визија на пророкот Исаија

Јас Го видов Господа, седнаш на престолот висок и издигнаш (Иса. 6:1).

Еве видение над виденијата! Еве слава над славите и величие над величијата! Бог покажал голема милост на сите луѓе што им дал да го видат оној ѕвезден свет, дело на Неговите раце. Уште поголема милост Он покажал кон оние на кои им дал да го видат ангелскиот свет, непреоден и чуден. Но најголема милост Он покажал кон еден мал број Свои избраници на кои им дал да Го видат Него, Господа Саваот, единствениот несоздаден и Создателот на двата света. Но како може смртниот човек да Го види бесмртниот Бог? Зар Бог не му рекол на Мојсеја; „Не може човек да го види лицето Мое и да остане жив" (II Мој. 33:20). И зар *Евангелието* не вели: „Бога никој никогаш не Го видел" (Јн. 1:18). Навистина, никој од смртните не може да го види лицето Божјо, т.е. битието Божјо. Но според својата безгранична добрина и сила, Бог може да им се покаже на луѓето на повеќе начини, и тоа во некој образ пристапен за луѓето. Во некој посебен образ и вид им се јавувал Он на Мојсеј, на Илија, на Даниил и на Јован Богослов, не во својата суштина, но во некој посебен образ и вид. Исаија го видел на престол висок и воздигнат, т.е. како Судија, возвишен над сите

судии и над сите земни судови. Шестокрилни серафими стоеле околу Него и си довикувале еден на друг говорејќи: *свет, свет, свет Господ Саваот*. Значи, Господ не е сам, туку е Цар во Своето недогледно царство, опкружен со највозвишените битија што ги создала Неговата сила. Околу Него се првите чинови на небесната ерархија, главните војводи на безбројните Негови војски, бесмртни, првите светилници на Неговата светлина и на Неговиот неиздржлив блесок.

Тоа е чудесното видение на Исаија, синот Амосов, Божјиот пророк.

Господи свет, свет, свет, трисвет, помилувај нè и спаси нè нас, нечистите и грешните. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

13 АВГУСТ

1. Св. мч. Иполит. Иполит бил военоначалник и надзорник на самиците во Рим; роден и воспитан како незнабожец. Кога св. Лаврентиј архиѓаконот бил фрлен во самица, на Иполита му било наредено од царот посебно да бдее над овој затвореник. Иполит со своите очи видел како Лаврентиј му го повратил видот на слепиот Лукилиј и како исцелил многу други болни, па поверувал во Христа. Кога Лаврентиј го крстил Иполита, имал небесно видение, и рекол: „Ги видов невините души во голема радост" (т.е. на небесата). Тогаш тој го зел Лаврентија во својот дом, па му ја крстил сета челад, која ја имал со старата дадилка Конкордија, 19 на број. Кога Лаврентиј бил убиен за Христа, Иполит ноќе го зел телото на маченикот, го завил во плаштаница и чесно го погребал. Но тоа некако дошло до ушите на царот Декиј во третиот ден по смртта на Лаврентија. Иполит бил фатен и бил изведен пред царот, па бидејќи не сакал да се одрече од вистинската вера, бил тепан со камења по устата. Потоа царот наредил да го соблечат гол и да го удираат. Иполит му рекол на царот: „Не си ме соблекол, туку почна да ме облекуваш!" Тогаш го легнале на земја и го удирале немилосрдно, а Иполит само викал: „Христијанин сум!" Разбирајќи царот дека и сите домашни на Иполита се христијани, наредил сите да се доведат. Старата Конкордија рекла: „Ние повеќе сакаме со нашиот господар чесно да ум-

реме во верата Христова отколку бесчесно со вас нечестивите да живееме". Таа прва била убиена, а по неа и останатите 18, сите пред очите на Иполит. Најпосле Иполита го врзале за див коњ и го влечеле таму–ваму сè додека својата душа маченикот не ја предал на Бога.

2. Св. Тихон Задонски или Воронежски. Роден во селото Короцка во Новгородската губернија во 1724 година, во прост селски дом. Во својата 34. година примил монашки чин и набрзо поради своите подвизи и големата духовна мудрост добивал сè поголема и поголема служба, додека на крајот не бил хиротонисан за епископ Воронежски. Бил епископ неполни 5 години, па поради слабото здравје се повлекол и се населил во задонскиот манастир. Мирно се упокоил во 1783 година во Задонск, каде што и сега почиваат неговите чудотворни мошти. Голем подвижник на руската црква, редок пастир, молитвеник и творец на прекрасни духовни дела. По својата мудрост, светост и подвиг може да се израмни со големите отци на православната Црква од древните времиња. Поради многуте осведочени чуда над неговите мошти, прогласен е за светител прво од народот, а потоа и од официјалната црква во 1861 година.

3. Преп. царица Ирина, во монаштвото наречена Ксенија. Жена на царот Кало–Јован (118–143). Освен по своите монашки подвизи и многуте добри дела, прочуена е и поради тоа што го основала манастирот „Седржител" – „Пантократор" во Цариград, еден од најславните и најубавите манастири во Цариград. Во тој манастир подоцна се подвизувал св. Стефан Дечански.

4. Преп. Серид. Прочуен како основач на познатата обител близу до Газа во Палестина. Во оваа обител се подвизувале славните мажи, како: св. Варсонуфиј, Јован, авва Доротеј, Доситеј и други. Св. Серид го завршил земниот живот во VI век и се преселил во вечната радост на својот Господ.

РАСУДУВАЊЕ

„Благодарете Му на Господа, но не заборавајте ги и Неговите велможи, ништожни и сиромашни, тие многу можат кај Господа Бога". Ова се зборови на познатиот руски подвижник од XIX век, отец Назариј, игумен Валаамски. Овие зборови ги кажал на жената на еден висок чиновник

во Петроград, кој паднал во немилост кај царот заради некоја тешка оптужба. Тужениот чиновник од мака се разболел и легнал во постела. Кога слушнала дека о. Назариј допатувал во Петроград, жената на тој чиновник побрзала, та го нашла, му ја раскажала својата беда што ги снашла и го замолила тој да се помоли на Господа за нејзиниот маж. „Имате ли ситни бакарни и сребрени пари?", ја прашал о. Назариј. Жената му донесла и му ги дала. И така, о. Назариј се оддалечил. Истата вечер тој се навратил повторно и ја израдувал жената со таква вест: „Слава на Бога, сите ближни на царот ветија дека ќе се молат за вас!" Жената, се разбира, мислела на царот Александар Павлович и на неговите дворјани, додека духовникот мислел на просјаците по улиците на кои им ги разделил оние ситни пари и ги испратил да се помолат на Бога за мажот на оваа жена. И навистина пристигнала вест дека царот наредил работата на овој чиновник повторно да се разгледа и да се претресе. А токму тоа и чиновникот го сакал. Кога жената почнала да му благодари на о. Назариј, тој ѝ рекол: „Благодарете Му на Господа, но не заборавајте ги и Неговите велможи, ништожни и сиромашни, тие многу можат кај Господа Бога".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната моќ на пророкување (I Цар. 10), и тоа:

1. како Самоил му прорекол на Саула за сѐ што ќе се случи во еден ден;

2. како на Саул слегол Божјиот Дух, та и тој пророкувал.

БЕСЕДА
за главното пророштво на пророкот Исаија

Ете, Девица ќе зачне и ќе роди Син, и ќе Му го дадат името Емануил (Иса. 7:14).

Ова славно пророштво за раѓањето на Господа од Дева го изрекол боговидецот Исаија во момент на најголемо

очајување во кое се наоѓал Ерусалим. Безбројната сириска и ефремова војска го опколила градот околу самите градски ѕидини. Царот Ахаз бил без војска и без оружје, а граѓаните на Ерусалим биле во смртен страв. Срцето на Ахаз и срцето на народот се затресло како дрвјата во шумата од ветар. Во тој час на крајно очајување излегол Исаија пред царот и, според Божја наредба, му рекол: „Не плаши се и твоето срце нека не се плаши". Тогаш Исаија прорекол дека непријателот нема да го заземе Ерусалим. Гледајќи дека царот не му верува, тој му рекол да бара знак, чудо, или од небото или од земјата. Но неверниот цар не сакал да бара, туку останал при своето сомневање. Тогаш пророкот рекол дека Бог ќе им испрати знак, иако тие не го сакале. Тој знак се однесува на оддалеченоста на времето и се однесува на спасението на целиот човечки род. *Девојка ќе зачне и ќе роди Син и ќе Му стават име Емануил*. Тоа значи: *Со нас е Бог*. Зошто пророкот не дал веднаш некој знак царот да поверува? Затоа што тоа пророштво за спасението на Ерусалим во часот кога царот мислел дека сѐ пропаднало, било доволно да се покаже и Божјата сила и царевото неверување. А зошто пророкот токму во тој час и во таква прилика го искажува пророштвото за раѓањето на Спасителот? Затоа што човечкиот род во времето на доаѓањето на Спасителот ќе биде во исто такво очајание, притеснат и опкружен со демонските сили како што бил Ерусалим во тој момент. Дали пророкот споменал девојка а не жена? Се разбира, споменал девојка. Бидејќи, да станува збор за жена, какво би било тоа чудо и каков знак? Зар сите луѓе не се раѓаат од жена? Сета тежина е да се нагласи зборот „девојка".

Така Бог, Кој сѐ гледа, знае да го поврзе скорешното со далечното и дека со исполнување на едно единствено пророштво во сегашноста го потврдува второто пророштво во иднината. Емануил – со нас е Бог – го спасил Ерусалим тогаш како невидлив Бог. Емануил – со нас е Бог – ќе го спаси човечкиот род во слична опасност подоцна како овоплотен Бог, како Богочовек, роден од Пречистата Дева и Светиот Дух.

О Господи, Кој си им дал сила на пророците да ја видат вистината што доаѓа оддалеку, дај ни и на нас сила да ја усвоиме таа вистина што веќе дошла. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

14 АВГУСТ

1. Св. Пророк Михеј II е од племето Јудино, а од селото Мораст, поради што е наречен Морасќанец. Современик е на пророците: Исаија, Амос и Осија и на јудејските цареви: Јоатам, Ахаз и Језекиј. Ги изобличувал пророците на својот народ, ги изобличувал и лажните пророци кои пророкувале за вино и жесток пијалак. Ја претскажал пропаста на Самарија. Ја претскажал и пропаста на Ерусалим, што дошла затоа што поглаварите негови зеле мито, свештениците учеле за плата, а пророците негови гатале за пари. *Затоа поради вас Сион ќе биде разорен како нива, а Ерусалим ќе стане купишѿе од урнатини.* Но од сите негови пророштва најважно било пророштвото за Месијата, особено за местото на рождеството Негово. Пророкот Витлеем го именувал како место на раѓањето на Месијата, *чие потекло е од почетокот, од вечноста.* Не се знае точно дали и овој пророк бил убиен од Евреите или умрел со мирна смрт (Јерем. 26:18–19), но се знае дека бил погребан во своето село и дека моштите му се пронајдени заедно со моштите на пророкот Авакум, во времето на царот Теодосиј Велики според некое таинствено откровение што го имал елевтерополскиот епископ Зевин.

2. Свешт-мч. Маркел еп. Апамејски. Роден на Кипар од богати и познати родители. Бил високо образуван, стапил во брак и имал деца. Кога му умрела жената, тој се повлекол во монашкиот живот во Сирија, оставајќи ги своите деца на Божјото провидение. Се прочул заради милосрдноста, кроткоста и духовната ученост, поради што Апамејците го избрале за свој епископ. Како епископ ревносно се трудел во обраќањето на незнабожците во христијанската вера. Кога изгорел некој идолопоклонички храм, идолопоклониците го фатиле Маркела и, божем како предизвикувач на тој пожар, го изгореле во оган околу 389 година. Од животот на св. Маркел поучно е особено тоа што кај него се споменува осветување на водата и употреба на осветената вода.

РАСУДУВАЊЕ

Чувај се од родителската клетва затоа што таа е страшна. Цени и барај благослов од родителите, бидејќи тој ќе те следи низ целиот живот. Премудриот Сирах вели: *Благословот на таткото ги утврдува домовите на децата, а мајчината клетва ги урива до темели нивните основи* (Мудр. Сир. 3:9). Проклетството со кое го проколнал Ное потомството на Хам и до денес ги следи несреќните Хамовци. А на синовите на Јакова им било така во животот како што ги благословил таткото. Св. Сергиј како младо момче ги молел своите родители за благослов да се замонаши. Но старите родители го молеле синот да почека и да се потруди околу нив до нивната смрт, па потоа да се замонаши. Сергиј ги послушал своите родители и бил благословен до смртта. Епископот Хермотен го раскажува случајот како еден син ја злоставувал својата жена. Кога мајката со плач почнала да го укорува заради тоа, синот се нафрлил на мајката, ја истепал и ѝ ја искршил главата од дрво. Очајната мајка извикала: „Господи, нека биде проклет мојот син и да нема ниту мој, ниту Твој благослов!“ Во истиот ден синот почнал да се тресе со целото тело и проживеал полни 13 години во таа треска, не можејќи самиот ни лажицата да ја принесе до своите усни. По 13 години тој се исповедал и се причестил од што му било малку полесно и набрзо потоа починал.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната Божја помош на Саул во војната со Амонците (I Цар. 11), и тоа:

1. како силниот Нас, водач на Амонците, сакал да им ги извади десните очи на сите Израилци;
2. како израилскиот народ плачел пред Господа;
3. како Саул и Самоил ги разбиле Амонците со Божјата помош, бидејќи Божјиот Дух бил со Саула и со Самоила.

БЕСЕДА
за проречената светлина во темнината

Народот, кој оди во темнина, ќе види голема светлина; врз оние што живеат во земјата на смртната сенка ќе блесне светлина (Иса. 9:2).

Таму каде што е најтемно, пророкува пророкот, таму ќе се појави светлосниот Месија. Земјата Завулонова и земјата Нефталимова се сметале за најтемни земји. Таму незнабожците биле измешани со Евреите; јаремот на надворешното и на внатрешното ропство бил најтежок; незнабожечката и фарисејската темнина ги покривале луѓето со сенката на смртта. Небесната светлина прво засветлила во Витлеем – овде се родил Христос Господ. Таа светлина ја виделе оддалеку источните мудреци и одблиску витлеемските пастири. Но таа светлина ја протерал од Витлеем Ирод со крвавиот меч. И Светлината се оддалечила во Египет. Потоа Светлината засветила со полн блесок во оваа земја на темнина и на сенката смртна во земјата Завулонова и Нефталимова. Во таа земја, крај езерото, живееле рибарите, кои Господ ги избрал за свои ученици. Во таа земја е и Гората на блаженствата, од која Господ ја објавил Својата прва голема проповед за блажените. Овде е и Кана Галилејска, каде што Господ го направил Своето прво чудо. Овде Он го започнал делото на човечкото спасение со моќниот збор и со моќните дела. Луѓето виделе голема светлина и се удавиле. Многумина и се соблазниле на Господа и многумина Му се потсмевале. Но тие темни луѓе не Го убиле. Имало една најтемна точка во еврејската земја што кренала рака на Творецот и Го убила. Тоа е онаа истата точка од каде Ирод 33 години пред тоа го кренал својот крвав меч во крв да ја изгасне големата светлина. Тоа е Ерусалим. Од сите темнини, ерусалимската темнина била најцрна. Можеби токму затоа и била најцрна што себе си се именувала како светлина.

О Господи, наша голема и преголема Светлино, освети нè со Својата светлина во овој кус век и по смртта прими нè во Твојата славна и бесмртна Светлина. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

15 АВГУСТ

1. Успение на Пресвета Богородица. Господ, Кој на Синај со петтата заповед заповедал: *почитувај го твојот татко и твојата мајка*, покажал со Својот пример како треба да се почитува својата родителка. Висејќи на крстот во маки Он се сетил на Својата мајка и покажувајќи на апостолот Јован ѝ рекол: *Жено, ете ти син!* Потоа му рекол на Јована: *Ете ти мајка!* И така, згрижувајќи ја Својата мајка, Он издивнал. Јован имал дом на Сион во Ерусалим, во кој се населила и Богородица и останала да живее до крајот на своите денови на земјата. Со своите молитви, благи совети, кроткоста и трпеливоста таа многу им помагала на апостолите на својот Син. Сето време, до смртта, таа, главно, го поминала во Ерусалим, обиколувајќи ги често оние места што ја потсетувале на големите случувања и на големите дела на својот Син. Особено често ги посетувала Голгота, Витлеем и горатa Елеонска. Од нејзините подолги патувања се споменува нејзината посета на Св. Гора, која таа ја благословила и престојувањето во Ефес со св. Јован за време на големото гонење на христијаните во Ерусалим. Во својата старост таа често се молела на својот Господ и Бог на Елеонската Гора, на местото на Вознесението Негово, што поскоро да ја земе од овој свет. Во една прилика ѝ се јавил архангелот Гаврил и ѝ соопштил дека по три дена ќе биде упокоена. И ангелот Божји ѝ дал една гранка од палма што ќе се носи при нејзината поворка. Со голема радост таа се вратила дома, посакувајќи во срцето уште еднаш во овој живот да ги види сите Христови апостоли. Господ ѝ ја исполнил оваа желба и сите апостоли, носени од ангели и облаци, наеднаш се собрале во домот Јованов на Сион. Со голема радост таа ги видела светите апостоли, ги охрабрила, ги посоветувала и ги утешила; потоа мирно го предала духот свој на Бога без никаква мака и болест телесна. Апостолите го зеле ковчегот со нејзиното тело од кој излегувало благопријатен мирис и во придружба на мноштво христијани го пренесле во Гетсиманската Градина, во гробницата на св. Јоаким и Ана. Од злобните Евреи ги засолнувал облак, според промислата Божја. Некој еврејски свештеник, Атониј, го дофатил со рацете ковчегот со намера да го преврти, но во тој час ангел Божји му ги отсекол двете раце. Тогаш тој почнал да ги моли апостолите за помош и бил исцелен – му зараснале рацете, откако ја изјавил својата вера во Господа Исуса

Христа. Апостолот Тома повторно изостанал според Божјата промисла за повторно да се открие една нова и преславна тајна за Светата Богородица. Третиот ден стасал и тој и посакал да го целива телото на Светата Пречиста. Но кога апостолите го отвориле гробот, ја нашле само плаштаницата, а телото не било во гробот. Таа вечер таа им се јавила на апостолите, опкружена со мноштво ангели, и им рекла: „Радувајте се, јас ќе бидам со вас навек". Не се знае точно колку била стара Богородица во времето на своето успение, но преовладува мислењето дека ја поминала 60 година од својот земен век.

РАСУДУВАЊЕ

Многу и премногу може секој верник да се поучи од животот на Дева Богородица. Но да споменеме овде само две работи. Таа имала обичај честопати да оди на Голгота, на Елеонската Гора, во Гетсиманската Градина, во Витлеем и на другите места познати заради нејзиниот Син. На сите тие места, а посебно на Голгота, таа се молела коленопреклоно. Со тоа таа го дала првиот пример и поттик на верниците да ги посетуваат светите места од љубов кон Оној кој со присуството на Своето страдање и Својата слава ги направил свети и познати. Второ, ние дознаваме како таа во својата молитва се молела што поскоро да излезе од овој живот, нејзината душа при одлачувањето од телото да не го види кнезот на темнината и неговите страшилишта и скриена од областа на темнината да не се сретне со сатанската сила. Гледаш ли колку ѝ е страшно на душата да ги помине митарствата! Кога така се молела таа, која Го родила Разурнувачот на адот, и која и самата има застрашувачка сила над демоните, тогаш што ни останува на нас? Со преголема смиреност таа се надевала на Бога и не сакала да се надева на своите дела. Уште помалку ние би смееле да се надеваме на своите дела и уште повеќе треба да се ставиме во рацете Господови, повикувајќи за Неговата милост, посебно за милоста при излегувањето на душата од телото.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната потврда со која Самоил ги потврдил своите зборови пред народот (I Цар. 12), и тоа:

1. како Самоил му рекол на народот дека е зло пред Господа тоа што си барале цар за себе пред Господа Царот;
2. како за потврда на своите зборови Го повикал Бога да пушти громови и дожд;
3. како се спуштиле громови и дожд и како народот се исплашил од Бога и од Самоила.

БЕСЕДА
за најславното дете

Зашто Младенец ни се роди – Син ни се даде; власта е на рамењата Негови, и ќе Го нарекат: Советник, Чудесен, Бог силен, Отец вечен, Кнез на мирот (Иса. 9:6).

Кој е смртниот човек во целата човечка историја на кого би можеле да се применат сите овие називи, сета оваа власт, сета оваа слава? Никој. Затоа св. Златоуст и вели: „Ова не е можно да се разбере во однос на кој било друг човек, туку во однос само на Христа“. Пророкот овде јасно ги изразува двете природи кај Спасителот на светот: човечката и божествената. *Младенец се роди* – тоа ја означува чистата човечка природа. *Син ни се даде* – тоа ги соединува двете природи во една личност. Син Божји и Син на Дева во личноста на воплотениот Господ. Останатите, пак, називи ја означуваат божествената природа на Господа Христа. *Власта негова е на Неговото рамо*, т.е. власта е само Негова. Негова сопственост е и не е позајмена. *Голем советник* – зар не е тоа Св. Троица? Ангел, или пратеник и весник, на тој троичен совет е Синот Божји, предвечното слово. *Чуден советник*, бидејќи сè е чудо, сè е изненадување, сè е новина што од Него и преку Него дошло на човечкиот род. *Бог е силен* – што би рекол Ариј на ова и неговите модерни соработници кои го одрекуваат божеството на Господа Исуса? *Кнез на мирот* – бидејќи од Него е трајниот мир, без Него е војна и надвор и внатре. *Отец е вечен* – како што

Он е Господар на минатото, така е и на иднината. Но Он уште е Отец на Црквата, творец на новиот свет, основач на Царството Божјо.

Ова чудно и точно видение го видел самиот Исаија, синот на Амос, 700 години пред тоа да се објави на целата вселена.

О Господи Исусе, Ти си најславното претскажување за пророците, а на верните си најславното откровение. Отвори го нашиот ум за во него да влезе чудната слава на Твоето величие; и отвори го нашето срце за да се исполни со Твојата животворна љубов. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

16 АВГУСТ

1. Неракотворниот Образ на Господ Исус Христос. Во она време кога нашиот Господ го проповедал ***Еванѓелието*** и исцелувал секоја болест и секоја немоќ на луѓето, во градот Едеса, на брегот на реката Еуфрат, имало некој кнез Авгар, болен од губа. Тој чул за Христа, Исцелителот од секоја мака и болест, па го испратил некој живописец Ананија во Палестина со писмо до Христа, во кое Авгар Го молел Господа да дојде во Едеса и да го исцели од губата. Во случај Господ да не може да дојде, кнезот му наредил на Ананија да го живописа ликот Негов и да го донесе, верувајќи дека тој лик ќе му го поврати здравјето. Господ одговорил дека не може да дојде зашто се приближувало времето на Неговото страдање, зел убрус, го избришал Своето лице и на убрусот совршено се впишал пречистиот Негов лик. Тој убрус му го предал Господ на Ананија со порака дека кнезот од него ќе се исцели, но не сосема, поради што Он подоцна ќе му испрати пратеник, кој ќе го очисти и остатокот од неговата болест. Примајќи го убрусот, кнезот Авгар го целивал и губата паднала од целото негово тело, но останало малку од неа на неговото лице. Подоцна, апостол Тадеј, проповедајќи го ***Еванѓелието***, дошол кај Авгар, го исцелил тајно и го крстил. Тогаш кнезот ги искршил идолите што стоеле пред капијата на градот и над капијата го ставил убрусот со ликот Христов, залепен на дрво, врамен во златна рамка и накитен со бисери. Кнезот уште напишал под иконата на капијата: „Христе Боже, никој нема да се посрами

кој во Тебе се надева". Подоцна, еден од правнуците на Авгар го обновил идолопоклонството. И епископот на тој град дошол ноќе и ја сoѕидал таа икона над капијата. Векови оттогаш поминале. Во времето на царот Јустинијан, персискиот цар Хозрој нападнал на Едеса и градот бил во голема мака. Тогаш се случило епископот едески Евлавиј да има видение на Пресвета Богородица, која му ја објавила тајната на сoѕиданата и заборавената икона. Иконата била пронајдена и со силата нејзина персиската војска била победена.

2. Св. мч. Диомид. Лекар од Тарс, од познат род. Лекувајќи го народот, го учел на верата Христова. Царот Диоклецијан наредил, та главата му ја отсекле во Никеја во 298 година. Тие кои му ја отсекле главата и ја донесле на царот, ослепеле, а кога ја вратиле главата при телото и се помолиле, оздравеле.

3. Преп. Јоаким Осоговски. Се подвизувал во втората половина на XI век во Осоговската планина, на местото наречено „Сарандапор", во една пештера. На тоа место подоцна еден друг подвижник подигнал црква, Теодор од Овче Поле, на кого на сон му се јавил св. Јоаким. Многу чуда низ вековите се случувале од моштите на преп. Јоаким, а и денес се случуваат.

4. Св. мч. Стамат. Селанец, родум од Волос во Тесалија. Кога некој нечовечен ага собирал од народот царски данок и многу го измачувал народот, Стамат пошол со неколку другари во Цариград да му се жалат на везирот. Но со своите остри обвинувања на агата, Стамат се замерил со султановите големци и овие го уапсиле. Прво сакале соласкања да го потурчат, ветувајќи му богатство, слава и чест. На тоа маченикот одговорил: „Моето богатство, слава и чест, тоа е Христос мој!" Тогаш Турците го мачеле и најпосле пред црквата „Света Софија" го исекле во 1680 година. Така, овој војник Христов се овенчал со маченички венец.

РАСУДУВАЊЕ

Православната црква ги надминува сите останати христијански групи со богатството на своето предание. Протестантите сакаат да се придржуваат само кон ***Светото писмо***. Но ни ***Светото писмо*** не може да се протолкува без преданието. Апостолот Павле заповедува: „*И така, браќа, стојте и држете ги преданијата, што ги научивте било*

йреку нашейо слово, било йреку нашейо йослание" (II Сол. 2:15). Преданието за кнезот Авгар несомнено е апостолско, иако апостолите не го споменуваат во своите списи. Апостол Тадеј воопшто ништо не напишал, та според протестантското мислење, тој ништо не говорел ниту им предал на верниците. По што тој тогаш бил Христов апостол? Преданието за кнезот Авгар го споменува св. Јован Дамаскин во својата одбрана на иконопочитувањето. Колку е убаво и чувствително писмото од Авгар на Христа. Бидејќи претходно му напишал дека слушнал за Неговата чудна моќ со која исцелува болни и бидејќи го замолил да дојде и него да го исцели, Авгар понатаму пишува: „Слушам уште и тоа дека Евреите Тебе те мразат и дека Ти подготвуваат некакво зло. Јас имам град голем и убав и изобилува со секакво добро: дојди кај мене и живеј со мене во мојот град што ни е доволен на обајцата за секаква потреба". Така пишувал еден незнабожечки кнез додека ерусалимските кнезови Му подготвувале смрт на Господа Човекољубецот.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната Божја помош на Јонатан синот на Саула (I Цар. 13–14), и тоа:

1. како Филистејците станале против Евреите и војската на Филистејците била како песокот на морскиот брег;
2. како Јонатан со својот момок ги нападнал Филистејците, надевајќи се на Бога, и како ги збунил и ги победил;
3. како и ние треба да ја познаеме вистината на зборовите на Јонатан: *На Госйода не му йречи да избави и со многу и со малку.*

БЕСЕДА
за божествената фиданка од коренот Јесеев

И ќе йойера фиданка од Јесееваūа йенушка, и сūебло ќе израсне од нејзиниоū корен (Иса. 11:1).

При ваквите јасни пророштва за Христа Господа, зошто Евреите не поверувале во Него како во Месија? Зара-

ди својата безумна горделивост и заради своите безумни злосторства над светите и праведните луѓе. Која е таа фиданка од стеблото Јесеево, освен Господ Христос? Јесеј бил татко на царот Давид, а од коленото Давидово се очекувал Месијата. Од Давидовото колено Он се јавил и од Витлеем, Давидовиот град. Фиданката од стеблото Јесеево го означува телесното произлегување на Господа од Дева Марија, потомка на Јесеј и на Давид, и стеблото од неговиот корен – Јесеовиот – ја означува пројавената правда што од многу цареви од домот Давидов била погазена. Погазената правда е како исушена пенушка. Но од коренот на таква пенушка понекогаш никнува зелено стебло. Такво стебло што само никнува ќе биде и Господ Исус. По мајка, Он ќе биде од Давидовото колено, но по Своето божествено зачнување ќе биде од Светиот Дух. Во вечноста, од Отец без мајка, а во времето, од мајка без Отец. Во вечноста идејата на очовечување стоела под покривачот на Божеството; во времето Неговото Божество стоело, пак, под покривачот на човечноста. Пилат залудно гледал во таа фиданка од стеблото на Јесеја и извикал: *Еѿе, човек!* Како кога некој би видел жичка спроводник на електричната сила помеѓу многу обични жички и ќе извика: *Еѿе, жичка!* Ниту овој ја познава електричната сила во жичката, ниту оној Го познал Бога во човекот.

О Господи Исусе, Богочовеку човекољубив, направи нè да бидеме богољубиви и спаси нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

17 АВГУСТ

1. Св. мч. Мирон презвитер. Бил свештеник во некое место во Ахаја, од богат и угледен род, по природа благ и кроток, богољубив и човекољубив. Во времето на царот Декиј, а на самиот ден на Рождество Христово, нагрнале незнабожците во црквата, го извлекле Мирона од службата и го ставиле на маки. При мачењето во огнот, ангел му се јавил и го поткрепил. Потоа почнале да му ја сечат кожата на ленти, од главата до нозете. Маченикот дофатил една таква лента од својата кожа и со неа го удрил мачителот–судија в лице. Судијата Антипатр, разлутен и надвор од себе, зел меч и се убил себеси. Најпосле го одвеле Мирона во градот Кизик, и таму со меч го погубиле во 250 година.

2. Св. мч. Патрокло. Граѓанин на градот Трикасин, сегашен Тру во Франција. Наследил голем имот од родителите и како вистински христијанин, од тоа им давал милостина на бедните по цел ден, а самиот живеел подвижнички, земајќи храна само еднаш дневно, и тоа по заоѓањето на сонцето. Поради светоста на животот, Господ му дал моќ на исцелување, та како чудотворен исцелител бил насекаде познат. Царот Аврелијан, доаѓајќи во Франција, наредил да му го доведат Патрокла. Светиот Патрокло пред царот ја изјавил својата вера во Христа, и не затаил ништо. „Ако сакаш, цару, нешто од моето богатство, ќе ти дадам, оти те гледам беден", му рекол св. Патрокло на царот. На тоа царот му рекол: „Како ти ме нарекуваш беден мене, царот, кој имам безбројни блага?" Св. Патрокло рекол: „Имаш само овоземни минливи блага, но си беден, оти ни самиот себеси се немаш, ниту верата Христова ти е во срцето". Бил осуден на смрт и предаден на војниците да го одведат во некое блато крај реката и тука да го исечат, а телото да го остават во калта. Но светителот Му се молел на Бога, да не му остане телото во тоа блато и по Божјата сила тој одеднаш постанал невидлив за војниците и бил пренесен на другата страна на реката. По долгото барање, војниците го нашле и го исекле на едно суво место. Двајца питачи на кои Патрокло често им давал милостина, наишле по тој пат, го познале телото на својот добротвор и чесно го погребале.

3. Преп. Илија Калабриски. Грк по потекло и настојател на манастирот „Меликука" во Калабрија, во јужна Италија. Во времето на иконоборството на Исток, многу источни монаси пребегнале со иконите во Калабрија. Со време во Калабрија многу се распространил монашкиот живот. Калабриските монаси се одликувале и со голема ученост и со голема строгост на животот. Едно време толку многу православни манастири и монаси имало во Калабрија што ја споредувале со древниот Египет. Православната Калабрија подоцна низ вековите потпаѓала под власта на охридските архиепископи. Преп. Илија се упокоил во Солун во 903 година.

4. Преп. Алимпиј иконописец Печерски. Изобразувајќи ги ликовите на светителите на дрво, тој ги изобразувал и нивните добродетели во својата душа. Исцелил човек од губа, видел ангел Божји и во старост завршил мирно во Господа, во 1114 година.

РАСУДУВАЊЕ

Господ не допушта да се посрамат Неговите верни слуги. Честопати се случувало Христовите маченици, навредени и исмеани по судовите, одненадеж да направат некое чудо што влевало страв кај неверниците. Или идолите паѓале, или громови ги разурнувале незнабожечките храмови, или ненадеен дожд го гаснел огнот подготвен за нивно спалување, или мачителите самите себе се тепале со камења и со стапови и др. Така, Антипатр, мачителот на св. Мирон, за време на мачењето на овој Божји човек одеднаш се избезумил и се самоубил. Св. Алимпиј живописецот веќе бил при крајот на животот кога добил порачка од еден човек да му изработи икона на Успението на Пресвета Богородица. Како што се приближувал празникот, така тој човек навраќал неколку пати да види дали иконата е готова. Но иконата не била ни започната ни во предвечерието на празникот Успение, кога требало да се однесе во црквата. Кога тој човек во очајание си отишол дома, одеднаш во келијата на Алимпиј се појавил некој млад човек и веднаш седнал и започнал да ја живописува иконата. Работел многу забрзано и многу вешто. Кога иконата била готова, засветлила како сонце. Покажувајќи му ја на зачудениот Алимпиј, младиот човек ја зел иконата и ја однесол во таа црква за која била порачана. Утредента човекот отишол во црквата и на големо изненадување ја видел иконата на своето место. Тогаш тој дошол во манастирот и со игуменот влегол во келијата на Алимпиј. „Како и кој ја живописа иконата на овој човек?“, прашал игуменот. А болниот Алимпиј одговорил: „Ангелот ја живописа и еве го сега овде стои за да ме земе“. Потоа тој починал.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Божјата казна над Саула заради непослушноста (I Цар. 15), и тоа:

1. како Бог му наредил на Саула да не ги поштедува Амалиците ниту да зема од нивната стока;
2. како Саул го поштедил царот на Амалиците Агаг и дозволил да се земе сѐ што е најдобро од непријателската стока;

3. како Самоил му објавил на Саула дека Бог го отфрлил заради непослушноста и заради самоволното принесување жртва на Бога без свештеникот.

БЕСЕДА
за духоносниот божествен Младенец

Ќе почива на него Дух Господов, дух на премудрост и разум, дух на совет и крепост, дух на знаење и благочестивост, ќе се исполни со страв Господов (Иса. 11:2).

Духот Божји не се одделува од Отецот, не се одделува ни од Синот, ниту Отецот се одделува од Синот и од Духот, ниту Синот се одделува од Отецот и од Светиот Дух. Светиот Дух пророкувал за Синот преку пророците, Светиот Дух ја осенил Пресвета Дева и ја подготвил за раѓањето на Синот Божји, Духот Божји неразделно стоел на Синот за целото време од Неговата посета на светот во тело. Духот на мудрост е дух на виденија на небесните тајни; Духот на разумот – е дух на разбирање на врската помеѓу видливиот и невидливиот свет; Духот на советот – дух е на разделувањето на доброто од злото; Духот на силата – дух е на власт над создадената природа; Духот на знаењето – дух е на познавање на суштината на создадените битија; Духот на страв Господов – дух е на признавање на божествената власт над двата света и покорност на Божјата волја. Кој од луѓето било кога ја имал на себе оваа полнота на богатство на даровите на Светиот Дух? Никогаш, никој. Единствениот Господ Исус Христос. Инаку Светиот Дух ги дели Своите дарови и ги раздава на луѓето, на овој едно, на другиот друго. Но целата таа неразделна полнота на Неговите дарови блеска на Синот Божји.

Зошто Господ Исус морал да има страв Божји кога и самиот Он е Бог? Он немал како Бог страв од Бога, туку како човек заради пример за нас. Како што постел, бдеел и како што се трудел како човек заради поука на другите, така и стравувал од Бога како човек заради поука на луѓето. Што е полековито за луѓето казнети за гревот од стравот Божји? Он како здрав морал да ги земе лековите на гревот во Себе

за нас болните за да нѐ поттикне да ги земеме тие лекови. Зар не го прави истото тоа родителот со болните деца кои се плашат да го земат препишаниот лек?

О Боже триеден и вечен, на Кого сите небесни воинства Му се поклонуваат, пеејќи Му ја чудната песна: „Свет, свет, свет е Господ Саваот“ – прими го и нашето поклонување и спаси нѐ. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

18 АВГУСТ

1. Преп. Јован Рилски. Овој голем подвижник и светилник на Црквата православна се родил близу до Софија, во местото Скрино, во времето на царот Борис. Се родил од бедни, но чесни родители. По смртта на родителите, тој се замонашил и се оддалечил во една дива гора и таму, во една пештера, почнал да се подвизува. Таму претрпел многу беди од демоните и од луѓето, од разбојниците и од своите роднини. Потоа се преселил во пазувите на планината Рила и се настанил во едно шупливо дрво. Се хранел само со трева и со грав, кој тука во близината почнал да расте според Божјата промисла. Многу години тој не видел човечко лице додека повторно, по Божјата промисла, не го откриле овчарите, кои трагале по своите изгубени овци. Така, светителот се прочул меѓу луѓето и луѓето почнале да му доаѓаат, барајќи помош во болестите и маките. Го посетувал и самиот бугарски цар Петар и од него барал совет. Многу ревнители на духовниот живот се населиле во близината на Јован. Тука набргу е изградено храм и манастир. Св. Јован се упокоил мирно во Господа на 18 август 946 година, во 70. година од животот. По смртта, им се јавил на своите ученици. Неговите мошти се пренесени прво во Софија, па во Унгарија, пак во Трново и најпосле во Рилскиот манастир каде што и денес почиваат. Рилскиот манастир низ вековите бил кула–светилник и место на чудотворна сила и духовна утеха за христијанскиот народ во Бугарија, особено, пак, во тешките времиња на робување под Турците.

2. Св. мч-ци Флор и Лавр. Браќа и по тело, по дух и по занимање. Двајцата биле ревносни христијани, а по занает каменоресци. Живееле во Илирија. Некој незнабожечки кнез ги вработил на ѕидањето на идолски храм. При нивното работење се случило едно парче од каменот да отскокне

и да удри во окото на синот на гаталецот, кој љубопитно ја надгледувал работата на неимарите. Гледајќи го својот син слеп и крвав, гаталецот почнал да вика на Флора и Лавра и сакал да ги тепа. Тогаш светите браќа му рекле, ако верува во Бога, во Кого тие веруваат, синот негов ќе оздрави. Гаталецот ветил. Флор и Лавр со солзи се помолиле на Господа Бога, живиот и единиот, и со знак на крст го оселиле повреденото око на детето. Детето оздравело веднаш и окото му станало цело какво што и било. Тогаш се крстил гаталецот Мемертин со неговиот син и наскоро потоа, двајцата пострадале за Христа во оган. А Флор и Лавр кога го довршиле храмот, ставиле крст на него, ги повикале сите христијани и го осветиле со името на Господа Исуса и со сеноќно псалмопеење. Дознавајќи за ова, илирискиот наместник во оган изгорел многу од тие христијани, а Флора и Лавра живи ги фрлил во бунар и бунарот го покрил со земја. Подоцна нивните мошти се објавиле и биле пренесени во Цариград. Пострадале за Христа и со Христа се прославиле овие прекрасни браќа во II век.

3. Свешт-мч. Емилијан епископ. Родум е од Ерменија. По своја желба, барајќи маченишство, отишол во Италија да Го проповеда Христа во времето Диоклецијаново. Во Тревија бил избран за епископ. Поради многуте чуда при неговото мачење, во Христа поверувале околу 1000 незнабожци. Бил исечен со меч заедно со својот духовник Иларион и двајца браќа Дионисиј и Ермипа.

РАСУДУВАЊЕ

Не е редок случајот, посебно во наше време, родителите да бидат виновници за духовната смрт на своите деца. Детето кога има стремеж кон духовен живот, подвиг, монаштво, а родителот ќе го потисне тој стремеж, наместо да го поттикне, таков родител постанува убиец на своето дете. И таквите деца – за казна на родителите – удираат честопати на спротивната страна и постануваат развратни. Некое момче Лука, внук на св. Јован Рилски, кога слушнал за својот стрико, а влечен од желбата за духовен живот, дошол кај својот стрико во планината. Јован го примил со љубов и почнал да го поучува и да го поддржува во подвигот. Но таткото на Лука еден ден се појавил пред пештерата на Јована и луто почнал да го навредува светителот затоа што му го

задржал синот во таа пештера. Зборовите и советите на Јована ништо не можеле да помогнат. Таткото го повлекол синот во својот дом. На патот за дома, детето го каснала змија и Лука умрел. Лошиот татко тогаш ја увидел Божјата казна, се покајал, но сѐ било доцна. Тој се вратил кај Јована, жалејќи се и оптужувајќи се самиот себе. Светителот само му рекол да го погребе детето и да си оди од каде што дошол.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудниот избор на Давида за цар (I Цар. 16), и тоа:

1. како Господ го упатил Самоила во домот на Јесеј за да го помаже едниот од неговите синови за цар;
2. како Господ го упатил Самоила да го помаже осмиот и најмалиот син на Јесеј, Давид, пастирот на овците;
3. како Самоил го помажал Давида и како Божјиот Дух слегол на Давида.

БЕСЕДА
за мирот помеѓу волкот и јагнето

Тогаш волк ќе живее со јагне, леопардот ќе лежи заедно со јаре (Иса. 11:6).

Така вистинскиот пророк ја претскажувал вистината. И уште додал: *Теле, лавче и вол ќе бидат заедно, и мало дете ќе ги води. Кравата ќе пасе со мечка... лавот ќе јаде слама како волот. Дете ќе протега рака кон змиино гнездо.* Кога ќе се случи ова чудо, браќа? Тоа веќе се случило тогаш кога се појавил Христос Чудотворецот на земјата. Ова е рајска вистина што се обновила помеѓу луѓето со доаѓањето на Спасителот на земјата. Во загатка, но сепак јасно говори пророкот: во загатка бидејќи не зборува за ѕверовите, туку за луѓето и јасно, бидејќи неговото претскажување се исполнило во Христовата Црква. Луѓето кои по природа биле како: волци, леопарди, лавови, мечки, волови, јагниња, јариња и змии – сите стојат пред Витлеемското Дете, изедначени во верата, скротени со благоста, засветлени со надежта, омекнати со љубовта.

Пророкот уште прорекува заради што ќе се случи тоа: *Бидејќи земјата ќе биде полна со познавање на Господа како што водите го полнат морето.* Набљудуван телесно, секој човек е земја. Оној човек кој ќе поверува во Христа и навистина ќе појде по Христа, постанува полн со познавање Господово како што е морето полно со вода. Такви биле многу поединци. Такви биле и цели дружини подвижници во Египет, во Св. Гора, на Кипар, во Русија, во Ерменија и на други страни. Но и тоа не е сè. Познавањето на Господа денес е раширено по целата земја. ***Светото писмо*** е распространето по сите народи. И малку катчиња има по земјата каде што не се чита *Евангелието* Христово, каде што не се знае за името Божјо и каде што не се принесува бескрвна жртва Господова. Едни го отфрлуваат Христа, други го прифаќаат; едни отстапуваат од вистинската вера, други ја прифаќаат вистинската вера. И така, постои една борба низ целиот свет во знакот на Господа Исуса. Преполнетите води се излеваат и се прелеваат во празните долини; празните долини се преполнуваат и се изедначуваат со високите води. Не е сè онака сјајно во светот како што ние христијаните сакаме, но пророштвото на пророкот Исаија сјајно се исполнило и се остварило.

О колку е чудно видението на Исаија, синот на Амос, вистинскиот пророк.

О Господи Чудотворен, скроти ја ѕверската природа на оние луѓе и народи кои уште не се скротени со силата на Твојата љубов. Сите да бидеме благородни од Твојата благородност. Сите да бидеме славни од Твојата слава. И живи, Господи, да бидеме живи од Твојот бесмртен живот. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

19 АВГУСТ

1. Св. мч. Андреј Стратилат. Бил офицер – трибун во римската војска во времето на царот Максимијан. Родум од Сирија и на служба во Сирија. Кога Персијанците со војската ѝ наштетиле на римската царштина, на Андреја му била доверена војска во борбата со непријателот. Во таа прилика Андреј бил произведен за војвода – стратилат. Таен христијанин, иако уште некрстен, Андреј се надевал на живиот Бог и од мноштвото војници ги избрал само најдобрите

и тргнал во бој. Пред битката, тој им рекол на своите војници дека, ако сите Го призиваат на помош едниот вистински Бог, Христа Господа, нивните непријатели како прав ќе се растурат пред нив. И навистина сите војници, воодушевени и од Андреја и од неговата вера, Го призивале на помош Христа и направиле јуриш. Персиската војска била потполно сотрена. Кога победоносниот Андреј се вратил во Антиохија, некои завидливци го обвиниле како христијанин и царскиот наместник го повикал на суд. Андреј отворено ја изјавил својата непоколеблива вера во Христа. По тешките маки, наместникот го фрлил Андреја во самица и му пишал на царот во Рим. Знаејќи го угледот на Андреја во народот и во војската, царот му наредил на наместникот да го пушти Андреја на слобода, но да чека друга прилика и друг повод (а не верата), та да го убие. Преку Божјо откровение, Андреј дознал за таа наредба на царот, па земајќи ги со себе своите верни војници, 2593 на број, отишол со нив во Тарс Киликиски и таму сите се крстиле од епископот Петар. Гонет и тука од царските власти, Андреј со дружината своја се повлекол далеку во ерменската планина Таврос. Таму, во една клисура, кога тие биле на молитва, ги стасала римската војска и сите до еден ги исекле. Никој од нив не сакал да се брани, туку сите биле желни за маченичка смрт за Христа. На тоа место каде што се излеала во поток крвта на мачениците, избил млаз лековита вода што исцелувала од секоја болест. Епископот Петар тајно дошол со своите луѓе и чесно ги погребал телата на мачениците на тоа место. Сите пострадале чесно и овенчани со венци на бесмртната слава се преселиле во царството на Христа нашиот Бог.

2. Преп. Теофан. Роден е во Јанина и како момче оставил сè и отишол во Св. Гора, каде што се замонашил во Дохијарскиот манастир. Во постот, молитвата, бдението и лишувањето себеси од сè што е непотребно, им бил огледало на сите монаси. Поради тоа, со време бил избран за игумен. Но подоцна, поради некоја несогласност со монасите, тој ја напуштил Света Гора и со својот братучед дошол во Верија Македонска, каде основал манастир во чест на светите архангели. Завршил мирно во XV век. Неговите чудотворни мошти и сега лежат во Наус и ја пројавуваат големата Божја сила.

3. Св. мч-ци Тимотеј, Агапиј и Текла. Пострадале за Христа во времето на опакиот цар Диоклецијан. Тимотеј

на оган бил изгорен, Агапиј и Текла биле фрлени пред ѕверовите.

РАСУДУВАЊЕ

Кога нас невините ќе нè снајде некоја беда, не треба веднаш да се жалиме, туку треба да ја согледаме во тоа Божјата промисла, која низ бедата прави нешто ново и корисно. На божествениот Теофан, игуменот Дохијарски, еден ден му дошла ненадејна вест дека Турците го фатиле синот на неговата сестра, го потурчиле и го одвеле во Цариград. Теофан веднаш отишол во Цариград и со помош Божја успеал да го најде својот внук, тајно да го изведе од Цариград и да го доведе во својот манастир, во Св. Гора. Овде тој повторно го вратил во христијанската вера, а потоа и го замонашил. Но браќата почнале да се бунтуваат против својот игумен и неговиот внук заради страв од Турците, бидејќи се плашеле да не дознаат и да дојдат да го разурнат манастирот. Не знаејќи што друго да прави, св. Теофан го зел својот внук и со него се оддалечил тајно не само од Дохијар, туку и од Света Гора и дошол во Верија. Подоцната дејност на Теофан во Верија и во Наус покажала колку таа беда била полезна за Црквата. Она што Теофан никогаш не би успеал да го направи на Света Гора, го направил на овие други места каде што избегал од таа беда. Имено, основал два нови манастири во кои со време се спасувало мноштво иноци и безброј луѓе наоѓале утеха за себе. Покрај тоа, и неговите свети мошти сред христијанскиот народ постанале извор на исцеленија и на утврдување на верата кај многумина неверни и маловерни. Така Бог ги устројува премудро човечките судбини преку ненадејна беда што на луѓето во моментов им се чини дека е за нивно конечно пропаѓање.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната Божја промисла во Давидовиот живот (I Цар. 16), и тоа:

1. како Божјиот Дух се оддалечил од Саула заради неговиот грев;

2. како лошиот дух го напаѓал Саула, па тој барал некој гуслар да го разонодува;

3. како слугите на царот го нашле токму Давида и го довеле кај царот со гуслата да го расположи.

БЕСЕДА
за Господовата сила и идолската немоќ

Ете, Господ ќе седне на лесен облак и ќе дојде во Египет. И пред лицето негово ќе затреперат египетските идоли (Иса. 19:1).

Бегајќи од царот Ирод, ерусалимскиот фараон, Господ, дошол во Египет. Не се смета правиот Израил по местото, туку по духот и по делата. Во времето на раѓањето на Господа поголемо зло царувало во Ерусалим отколку некогаш во фараонскиот Египет, како што често се случува кога верните ќе отпаднат од верата и ќе бидат полоши од верниците, кои никогаш не ја познале вистинската вера. И така, Египет во тоа време бил поблаго и погостољубиво место за Спасителот на светот од Ерусалим. Да ги спoредиме зборовите на пророкот со зборовите на ангелот што му ги кажал во сон на праведниот Јосиф: *Стани, земи Го Младенецот и мајка Му, па бегај во Египет* (Мт. 2:13) и веднаш ќе се увериш дека зборовите на Исаија не можат да се однесуваат на никој друг, туку на Христа Господа. Уште повеќе ќе се увериш во тоа кога ќе го слушнеш и другиот пророк кој говори: *Од Египет Го повикав Синот свој* (Ос. 11:1).

Што означува лесен облак на кој Господ ќе дојде од Египет? Го означува телото на Господа во кое Он ќе го облече Своето Божество бидејќи човечкото тело е како згуснат облак во кое престојува душата. Тоа, значи, е пророчкото видение за оваплотениот Господ. Некои толкувачи мислат дека лесниот облак ја означува и Пречистата Богомајка која со долг пост и со молитва, како и со други подвизи, своето тело го направила лесно како облак. Посебно бил лесен тој облак – телото на Богородица – заради отсуството на страстите што го обременуваат човечкото тело.

О Господи семилостив, кој им посакуваш спасение на сите луѓе и не гледаш кој е Евреин, а кој е Египќанец, спаси нè и помилуј нè, бидејќи непрестајно се надеваме на Твоето име. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

20 АВГУСТ

1. Св. Пророк Самоил. Петнаесетти и последен судија израилски. Живеел 1100 години пред Христа. Роден од племето Левиино, од родителите Елкан и Ана, во местото Рама, или Ариматеја, каде што подоцна се родил и благообразниот Јосиф. Неродилката Ана со солзи го испросила Самоила од Бога и го посветила на Бога кога наполнил 3 години. Живеејќи во Силоам, кај ковчегот на заветот, Самоил во 12. година имал вистинско откровение од Бога за казната што му претстоела на домот на првосвештеникот Илија поради расипаноста на неговите синови Офниј и Финес. Тоа откровение наскоро и се случило: Филистејците ги покориле Израилците, ги убиле двајцата синови на Илија и го заплениле ковчегот на заветот. Кога гласникот му ја соопштил оваа несреќа на Илија, овој паднал мртов на земја и издивнал во 98. година од староста. А тоа истото се случило и со неговата снаа, жената на Финес. Оттогаш 20 години Израилците им биле робови на Филистејците. После тој рок, Бог му го испратил Самоила на народот да проповеда покајание, ако сака да се спаси од своите непријатели. И народот се покајал и ги отфрлил туѓите идоли на кои им служел и го признал Самоила како пророк, свештеник и судија. Тогаш Самоил тргнал со војската против Филистејците и со помошта Божја ги збришал и ги убил и ја ослободил земјата и народот. Потоа Самоил му судел мирно на својот народ до староста. Гледајќи го остарен, народот му рекол да им постави цар на негово место. Залудно. Самоил го одвраќал народот од тоа, зборувајќи му дека Бог е единствениот нивни цар, но народот останал при своето барање. Иако ова барање Му било немило на Бога, Бог му наредил на Самоила да им го помаже за цар Саула, синот Кисов, од племето Венијаминово. Саул царувал кратко време. Бог го отфрлил поради дрскоста и непослушноста, па му наредил на Самоила, та го помажал Давида Јесеев за цар наместо Саула. Пред својата смрт, Самоил го собрал сиот народ и се опростил од него. А кога умрел, по него плачел целиот Израил и го погребале чесно во неговиот дом во Рама.

2. Свешт-мч. Филип еп. Ираклиски, со свештеникот **Север и ѓаконот Хермес**. По сѐ изгледа дека биле Словени. Му служеле на Бога во Тракија и прво таму биле предадени на маки за Христа. Кога незнабожците јурнале да ја

запалат христијанската црква, храбриот Филип му рекол на нивниот старешина: „Мислиш ли ти дека е Бог затворен во карпи? Он живее во срцата". Храмот бил разорен, сите книги биле запалени, а овие свештеници биле одведени во Едрене каде што после самувањето и маките биле фрлени полуизгорени во реката Марица. Уште 38 христијани маченички завршиле со нив. Се мисли дека пострадале во времето на Диоклецијан.

РАСУДУВАЊЕ

Покај се пред смртта да ја затвори вратата на твојот живот и да не ја отвори вратата на Судот. Покај се пред смртта, а бидејќи не го знаеш часот на смртта, покај се денес и сега и престани да го повторуваш својот грев. Св. Ефрем Сирин вака Му се молел на Бога:

„Пред да застане тркалото на времето во мојот живот, помилуј ме";

„Пред да дувне ветрот на смртта, и пред да се појават на моето тело болести, весници на смртта, помилуј ме";

„Пред да зајде величественото сонце на височината за мене, помилуј ме. Нека засвети за мене Твојата светлина одозгора и нека ја изгони страшната темнина во мојот ум";

„Пред да се врати земјата во земјата и пред да постане гнилеж и пред пропаѓањето на сите нејзини црти на убавина, помилуј ме";

„Пред да ме измамат моите гревови на Судот и пред да ме посрамат пред Судијата, помилуј ме, Господи, Кој си исполнет со благост";

„Пред да излезат војските, претходница на Синот на Царот за да го соберат бедниот наш род пред престолот на Судијата, помилуј";

„Пред да се слушне гласот на трубите пред Твоето пришествие, поштеди ги Твоите слуги и помилуј, Господи наш Исусе Христе";

„Пред да ја заклучиш Твојата врата пред мене, Сине Божји, и пред јас да постанам храна на неугасливиот адски оган, помилуј ме".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната Давидова победа над Голијат (I Цар. 17), и тоа:

1. како Голијат, страшен по тело, оклоп и оружје, ја предизвикувал целата израилска војска;

2. како Давид, со Божја надеж, тргнал со прачка и со камчиња и го убил Голијата;

3. како победил Давид, бидејќи верувал дека е тоа Господова војна и војна на верници против неверници.

БЕСЕДА
за обраќањето на Египет кон Господа

И Господ сам ќе се јави во Египет; во тој ден Египќаните ќе Го познаат Господа и ќе принесат жртви и дарови, ќе Му дадат ветувања на Господа и ќе ги исполнат (Иса. 19:21).

О колку е променливо човечкото срце. Но од сите негови промени една е посрамна од најсрамните, а тоа е кога верниците ќе постанат неверници. И од сите негови промени една е пославна од најславните, а тоа е кога неверниците ќе се обратат и ќе постанат верници.

Првата промена им се случила на Израилците кои го убиле Христа, а втората им се случила на Египќаните кои поверувале во Христа. Некогаш Египет бил главен гонител на тие што верувале во единствениот жив Бог, бидејќи тие некогаш имале многу мртви богови, идоли, предмети на кои им се поклонувале, басни и гатања со кои се залажувале. Но, ете, што прорекол пророкот. Какво чудно видение! Египќаните ќе Го познаат единствениот и жив Господ во тоа време кога Господ се јавил во тело помеѓу луѓето. Идолите ќе бидат разурнати, храмовите на демоните и на животните ќе бидат срамнети, олтарот на живиот и единствен Бог ќе биде утврден, а жртвеникот ќе биде воздигнат. Ќе се принесува бескрвна жртва наместо крвна, словесна наместо бесловесна. Стотици илјади иноци ќе земаат на себе завет на сиромаштија, послушност и пост од љубов кон Господа. Ќе се јават најголемите подвижници во тој некогаш мрачен

Египет; најхрабрите маченици за Христа; најпросветлените умови; највидовитите чудотворци. О колку чудно видение! И колку е чудно остварувањето на тоа видение. Св. Златоуст пишува: „Ни сонцето со множеството на своите ѕвезди не е толку сјајно колку што е египетската пустина со своите иноци!" Навистина сè се остварило што го провидел и што го прорекол Исаија, синот на Амос, вистинскиот и видовитиот пророк.

О Господи благ, кој си се смилувал на Египет, некогашниот гонител на Твоите верници, и си го просветлил со светлина на вистината, просвети нè и нас, и поткрепи нè со благодатта на Твојот Свет Дух и со примерот на големите египетски христијани. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

21 АВГУСТ

1. Св. ап. Тадеј. Еден од седумдесетмината, но не оној Тадеј кој бил еден од Дванаестте апостоли. Св. Тадеј прво го видел и го чул Јована Крстителот, и примил крштение од него, а потоа Го видел Господа Исуса и Го следел. Господ го вброил во седумдесетте помали апостоли, кои ги испратил двајца по двајца пред лицето Свое (Лука 10:1). По Своето славно воскресение и вознесение, Господ го испратил Тадеја во Едеса, неговото родно место, а според Своето ветување на кнезот Авгар, кое Господ му го дал кога му го испратил убрусот со ликот Свој. Со целивањето на тој убрус Авгар бил исцелен од губата, но не сосема. Малку губа му останала уште на лицето. Кога св. Тадеј му се јавил на Авгара, овој го примил со голема радост. Апостолот Христов го поучил на верата Христова и потоа го крстил. Кога крстениот Авгар излегувал од водата, паднал и остатокот од губата од него и потполно оздравел. Прославувајќи Го Бога, кнезот Авгар сакал и неговиот народ да Го познае вистинскиот Бог и да Го прослави. И кнезот ги повикал сите граѓани на Едеса пред апостолот св. Тадеј да ја чујат проповедта за Христа. Слушнувајќи ги апостолските зборови и видувајќи го својот кнез чудесно исцелен, луѓето ги отфрлиле идолите и нечистото живеење, ја примиле верата Христова и се крстиле. И така градот Едеса се просветлил со верата Христова. Кнезот Авгар изнесол многу злато и му го понудил на апос-

толот, но Тадеј му рекол: „Кога своето го оставивме, како туѓо да примаме?“ И св. Тадеј го проповедал ***Евангелието*** по Сирија и Феникија. Се упокоил во Господа во градот Вирит Феникиски.

2. Св. мч-чка Васа со нејзините деца: Теогниј, Агапиј и Пист. Васа му била жена на некој идолски гаталец, но таа била тајна христијанка. Своите синови ги воспитала во христијански дух. Самиот маж ја намразил поради верата и му ја предал на судијата на мачење заедно со синовите. После тешките маки, нејзините синови биле со меч исечени (се мисли во Едеса, во Македонија). Васа била радосна што ги видела своите синови како чесно го завршиле својот маченички подвиг за Христа и самата со уште поголема волја отишла од мака на мака. Кога ја фрлиле во морето, ангели се појавиле и ја одвеле до еден остров во Мраморното Море, каде што била со меч исечена, во времето на Максимијан. Така св. Васа двојно се удостоила со царството Христово, и како маченичка, и како мајка на маченици.

3. Преп. Аврамиј Смоленски. Роден е во градот Смоленск по молитвите на своите родители. Рано стапил во монаштво и се предал на голем подвиг, следејќи ги древните отци од пустината. Подоцна го основал манастирот на Св. Крст кај Смоленск. Претрпел многу искушенија од демоните и од луѓето со големо трпение и благодарност кон Бога. Во голема суша издејствувал дожд со својата молитва. Откако поживеал 50 години во монашки чин, се упокоил мирно во Господа околу 1220 година.

4. Св. Праотци Аврам, Исаак и Јаков. Се споменуваат и во неделата на праотците пред Божик како праведници и угодници Божји.

РАСУДУВАЊЕ

Великодушното опростување на клеветниците и молитвата за нив е одлика на христијанските светители кои сите клевети против себе не ги припишуваат на луѓето, туку на демоните, главните поттикнувачи на секоја клевета и на секој грев воопшто. Св. Аврамиј Смоленски кај кнезот и епископот бил наклеветен од некои завидливи попови како лажливец, маѓесник и лицемер. Клеветниците не барале ништо друго, туку тој да биде спален. И кнезот и епископот им поверувале на клеветниците, и Аврамиј бил протеран од

Смоленска и му било забрането чинодејствието. За време на истрагата и судењето, Аврамиј ја повторувал молитвата на првомаченикот св. Стефан: „Господи, не земај им го ова за грев“ (Д.а. 7:60). Подоцна се потврдило дека сите тужители на Аврамиј лажеле и клеветеле. Разлутениот кнез сакал луто да ги казни клеветниците, а владиката да ги одлачи од Црквата, но св. Аврамиј паднал на колена пред владиката и со солзи го молел да им опрости. И не сакал да појде во својот манастир ниту да започне повторно да чинодејствува сè додека неговите клеветници не биле помилувани и ослободени.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Давида, човек со Божји Дух, и за Саула, човек без Божји Дух (I Цар. 18), и тоа:

1. како Саул се плашел од Давида заради неговите добродетели и како Давид во сè му бил покорен на Саула;
2. како Саул внатрешно го наградувал Давида, но го испратил помеѓу Филистејците за да погине;
3. како секогаш отстапникот од Бога се плаши од Божјиот човек.

БЕСЕДА
за чудниот камен на Сион

Ете, Јас полагам во основата на Сион камен, – камен испитан, аголен, скапоцен, темелен, кој верува во него, нема да се посрами. (Иса. 28:16).

Овој чуден камен, браќа, е самиот Господ наш Исус Христос. Бидејќи, ако пророкот мислел на обичен камен, не би ја споменувал верата во него и тој би пророкувал идолопоклонство. И кај пророкот Данил се зборува за камен што се стркалал од планината и го разбил големиот идол и пораснал како голема гора и ја исполнил целата земја (Дан. 2:24). Пророштвото за каменот кај Данил е за незнабожците, а кај Исаија е за Евреите. Господ Исус Христос е тој камен кој е поставен првин во основата на секое Божјо создание, бидејќи, прво, Он е Слово Божјо и Божја словесност, второ,

тој е во основата на ***Стариот завет*** како подготвителен, и трето, тој е во основата на ***Новиот завет*** како завршен. Аголен камен, т.е. најцврст и најтврд камен што ги поврзува и ги спојува другите камења, и ги држи дамарите во разни правци во единство и во целина. Ако се набљудува Господ Христос внатре во нас, Он е аголен камен што ги поврзува и ги спојува нашите разни способности во единство и во целина така што сите дејствуваат во еден правец и во правец на Бога и на царството Божјо. Ако се набљудува Господ Христос во човечката историја, Он е аголен камен што ги поврзува и ги спојува еврејството и незнабоштвото во еден Божји дом, во Црква Божја. Зашто никој не може да постави друга основа, освен положената, која е Исус Христос (I Кор. 3:11), вели апостолот на ***Новиот завет*** во согласност со пророкот од ***Стариот завет***. Кој досега и да поверувал во тој Камен на Спасението, не се посрамил. Ниту некогаш некој ќе се посрами, ако во него поверува. Бидејќи тој Камен е навистина сигурен темел и избран скапоцен и темелен.

О Господи Исусе, Камену на нашето спасение, зацврсти ја верата во нас, светата и спасоносна вера во Тебе, единствениот наш Спасител. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

22 АВГУСТ

1. Св. мч-ци Агатоник, Зотик и други со нив. Св. Агатоник бил граѓанин на Никомидија и христијанин по вера. Со голема ревност ги одвраќал Елините од идолопоклонство и ги поучувал на вистинската вера. По наредба на царот Максимијан, царскиот намесник остро ги гонел христијаните. При тоа гонење го фатил св. Зотик во некое место Карпин, ги распнал на крст неговите ученици, а Зотика го довел во Никомидија, каде што го фатил и ги врзал уште и: св. Агатоник, Принкипса, Теопрепија (Богоубав), Акиндина, Северијана, Зенона и многу други. Сите врзани ги повел во Византија, но по пат од раните и изнемоштеноста умреле: св. Зотик, Теопрепсиј и Акиндин. Близу до Халкидон го убиле св. Северијан, а Агатоник со останатите бил префрлен во Тракија, во местото Селимвриј, каде што после мачења-

та, пред самиот цар биле исечени и преминале во вечен живот и во радоста на својот Господ.

2. Св. мч-чка Евлалија. Во времето на страшните гонења на христијаните во Шпанија, живеела некоја девица Евлалија, родена од христијански родители, во местото наречено Варкинон. Целата била предадена на Христа како на свој Младоженец, целата задлабочена во ***Све̄то̄то пӣсмо***, таа се вежбала истрајно во доброволните подвизи на телото и духот. Кога мачителот Дакијан немилосрдно ги убивал христијаните по Шпанија, па дошол и во Варкинон, Евлалија се искрала ноќе од своите родители, излегла пред мачителот, и пред мноштвото народ го разобличила за убивањето на невините луѓе, исмевајќи ги притоа мртвите идоли и исповедувајќи ја јавно верата своја во живиот Господ Христос. Разлутениот Декијан наредил да ја разголат и да ја тепаат со стапови. Но светата девица изјавила дека не чувствува болки во маките за својот Христос. Тогаш мачителот крстообразно ја заврзал за дрво и наредил телото со свеќи да ѝ го горат. Мачителот ја прашал каде е нејзиниот Христос сега да ја спаси? А Евлалија одговорила: „Тука е со мене, но ти не можеш да Го видиш поради твојата нечистотија". Во големи маки Евлалија го предала својот дух на Бога. И кога издивнала, луѓето виделе бел гулаб кај што излегува од нејзината уста. Во тој час ненадејно паднал снег и го покрил голото тело на маченичката како со бел фустан. Третиот ден дошол св. Феликс и жално плачел пред телото на Евлалија што висело. И на мртвото лице на светителката се појавила насмевка. Нејзините родители дошле и заедно со останатите христијани чесно го погребале телото на светата девица. Пострадала за својот Господ и преминала во вечната радост во почетокот на VI век.

3. Св. мч-чка Антуса и останатите со неа. Ќерка на богати, но безбожни родители од Селевкија во Сирија. Откако дознала за Христа, Антуса со сето срце поверувала во Него и тајно се упатила кај епископот Атанасиј, кој ја крстил. При нејзиното крштавање се јавиле ангели Божји. Потоа Антуса се упатила в пустина на подвиг, оти не смеела да се врати кај своите родители. Во пустината се подвизувала 23 години. Во молитвата кон Бога таа Му ја предала својата душа на Бога, клечејќи на еден камен, под кој замолила да биде закопана. Епископот Атанасиј и двајца слуги на Антуса: Харисим и Неофит, потоа биле исечени поради верата во

Христа, во времето на царот Валеријан, околу 257 година. Сите чесно пострадале и со венци се овенчале.

РАСУДУВАЊЕ

Кога човекот еднаш вистински ќе се покае, не треба повеќе да мисли на направените гревови за да не згреши повторно. Св. Антониј советува: „Варди се твојот ум да не се извалка со сеќавањето на поранешните гревови и во тебе да не се обнови чувството на тие гревови“. На друго место, пак, вели: „Не утврдувај ги во својата душа порано направените гревови со размислување за нив за да не се повторат во тебе. Биди уверен дека тие ти се опростени од она време кога себеси си се предал на Бога и на покајанието. И во тоа не сомневај се“. За св. Амон говореле дека тој достигнал такво совршенство што од многу добрина не знаел веќе дека постои злото. Кога го прашувале каков е тој тесен и трнлив пат, тој одговорил: „Тоа е зауздување на своите помисли и отсекување на сопствените желби заради исполнување на волјата Божја“. Кој ги зауздува грешните помисли, тој не мисли ни за своите, ни за туѓите гревови, и за ништо гнилежно, и за ништо земно. Умот на таквиот човек е непрестајно на небото каде што нема зло. Така постепено и во него го снемува злото, па дури и во мислите.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната Божја помош на Давида (I Цар. 19), и тоа:

1. како Давид удирал во харфата пред Саула;
2. како лошиот дух го нападнал Саула и се нафрлил со копјето да го убие Давида;
3. како Саул не го погодил Давида и во најблиско растојание.

БЕСЕДА
за пророштвото на чудата Христови

Тогаш ќе им се отворат очите на слепите, ушите на глувите ќе се отнат. Тогаш куциот ќе скока како елен и јазикот на немиот ќе пее (Иса. 35:5–6).

Дојдете браќа, да ѝ се восхитуваме на силата на нашиот жив Бог, Кој му ги отворил очите на смртниот човек за да го види во преголема далечина она време што ќе се случи. И уште како да гледа: до самата поединечност, како и самиот тој пророк да бил апостол Христов и да одел со Господа Христа, и како гледал чудо по чудо. Он на слепите им давал вид, на глувите слух, на куците здравје на нозете и на немите глас и говор. Кога Јован Крстител од темницата ги испратил своите ученици да Го прашаат Христа: „Ти ли си Оној што треба да дојде?“ Господ Исус Христос им одговорил со зборовите на својот пророк Исаија: „Одете и кажете му на Јована што слушате и што гледате: слепи прогледуваат и сакати проодуваат, лепрозни се очистуваат и глуви слушаат, мртви воскреснуваат“ (Мт. 11:4–5). Погледнете како чудно го построил Господ нашето спасение! Она што преку своите пророци го прорекол за Себе, тоа Он и го исполнил. Пророкот некогаш говорел со негови зборови вдахнати од Светиот Дух, а сега Он говори со зборовите на Својот пророк. Некогаш пророкот се повикувал на Него, а сега Он на пророкот. Со тоа сака да покаже дека и кога ги изговара Своите зборови, и кога ги изговара пророчките зборови, секогаш го говори само Своето. Да покаже дека и тогаш Он говорел а не пророкот, и сега Он говори, а не некој друг. И да го оправда Својот пророк како Свој верен слуга, та никој да не може да каже: пророкот лажно говорел. И така пророците ѝ служеле на славата на Христа Господа и Господ Христос ги прославил Своите пророци, Своите вистински слуги.

О Господи, прославен од Своите слуги и Ти што ги прославуваш Своите слуги, помогни ни и на нас, со збор, со дело и со мисли да ѝ послужиме на Твојата величествена слава на Твоето име. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

23 АВГУСТ

1. Св. мч. Луп. Овој светител бил слуга кај св. Димитриј, војводата Солунски. Кога св. Димитриј бил исечен од царот Максимијан, Луп го натопил крајот од својата облека во крвта на маченикот и својот прстен. Со таа облека и со тој прстен Луп правел многу чуда во Солун, исцелувајќи ги луѓето од секоја мака и немоќ. Тоа го дознал царот Максимијан, кој тогаш уште се наоѓал во Солун, па заповедал Лупа да го мачат и да го убијат. Но војниците кои кренале оружје на Луп, го свртиле оружјето еден против друг и тешко се израниле. Бидејќи Луп уште не бил крстен, иако бил христијанин, тој се молел на Бога, Бог некако да го устрои неговото крштавање пред смртта. Во тој час ненадејно се пролеала вода од облакот на светиот маченик и така тој примил крштение одозгора. После големите маки, бил исечен и се преселил во Царството небесно.

2. Свешт-мч. Потин еп. Лионски. Од Мала Азија испратен со св. Поликарп во Галија (Франција) на проповед. Постанал прв епископ Лионски и превел многу незнабожци во христијанството. За време на гонењето на христијаните во 177 година и Потин бил изведен на суд; штотуку донесен на раце, затоа што бил стар 90 години. „Кој е христијанскиот Бог?" – прашал проконзулот. „Ќе дознаеш, ако за тоа се удостоиш", му одговорил старецот Потин. Незнабожците се нафрлиле на него со стапови и камења и го тепале без милост. Фрлен во самица, св. Потин од раните завршил после 2 дена и се преселил во Царството небесно.

3. Свешт-мч. Иринеј еп. Лионски. Во младоста бил ученик кај св. Поликарп, ученикот апостолски, кој го испратил во Франција на проповед. По маченичката смрт на св. Потин, Иринеј бил поставен за епископ. Во своите многубројни списи Иринеј час ја изложувал православната вера, час повторно ја бранел од еретиците. Пострадал за Христа во времето на царот Север во 202 година со многу илјади христијани, 19 000.

4. Св. Виктор. Пострадал во Марсеј во III век. После тешките маки, бил фрлен во самица, каде што ги обратил стражарите во верата Христова. Распнат на крст го завршил овоземниот живот.

5. Св. Албан. Бил англиски благородник. Во својот дом скрил еден христијански свештеник во времето на гонењето и од овој бил поучен на верата Христова. Тогаш тој му

го дал својот костум на свештеникот, а тој се облекол како свештеник и им се предал на мачителите. Осуден на смрт, тој и својот џелат го обратил во верата Христова.

РАСУДУВАЊЕ

Тајнствената сила на крстот колку и да е необјаснива, таа е вистинска и неспорна. Уште св. Јован Златоуст говори за обичајот од своето време, знакот на крстот да се става на „царската диадема", на украси на војниците, на делови на телото, и тоа: на главата, на градите, на срцето, а исто така на жртвениците и на постелите. Тој вели: „Ако е потребно да ги изгониме демоните, ние го употребуваме крстот, а исто така тој помага за исцеление на болести". Св. Бенедикт ја осенил со крсен знак чашата во која имало отров и стаклото прснало како да е удрено со камен. Св. Јулијан ја прекрстил подметнататата чаша во која имало отров и го испил отровот не осетувајќи никаква тегоба на своето тело. Св. маченичка Василиса Никомидиска се оградила себеси со крсен знак, застанала во средината на пламенот и останала неповредена. Св. мч-ци Авдон и Сенис се прекрстиле кога ги пуштиле на нив лутите ѕверови и ѕверовите постанале ненападни и кротки како јагниња. Крстниот знак било најсилно оружје против големите демонски искушенија кај древните подвижници, како што е и денес. Најгрозните ѓаволски страшилишта се раселувале во ништо како чад, само кога човекот би се прекрстил. Така благоволил самиот Господ Исус Христос на некогашниот знак на злостор и на срамот, крстот, по Своето распнување на дрво да му даде сепобедлива сила и моќ.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за брзото напредување на злото во душата на Саула откако отстапил од Бога (I Цар. 22), и тоа:

1. како му се нафрлил со копјето на Давида;

2. како му се нафрлил со копјето и на Јонатана, својот син;

3. како убил 85 свештеници во еден ден мислејќи дека се од страната на Давида.

БЕСЕДА
за Јована Претеча како го прорекол Исаија

Гласот на оној што вика во пустината говори: „Пригответе Му пат на Господа, прави направете ги во пустината патеките на нашиот Бог“ (Иса. 40:3).

Кога царот сака да посети некое место, тој напред ги испраќа своите весници. На необичниот цар Му приличи и необичен весник. На Христа царот весник во пустината му бил Мојсеј, во Ерусалим му биле пророците, во Назарет му бил архангелот, во Витлеем Му биле источните мудреци, на Јордан Му бил Јован. Никогаш ниеден цар во човечкиот род немал такви весници. Свети Јован Крстител бил, исто така, необичен и посебен како и другите Христови весници. Тој бил гласот што викал во двојната пустина: во Јорданската и во човечката. Како што била Јорданската Пустина бесплодна и сува, така и пустината на човечкиот дух била бесплодна и сува. Јован не можел да ја оплодотвори и раззелени човечката пустина, но тој ја расчистувал и ја орал и така ја подготвувал земјата и го зарамнувал тлото за големиот Сејач, кој доаѓа носејќи со себе и семе и дожд – семето на науката да го посее и благодатен дожд одозгора да раззелени и да оплодотвори. Со покајанието Јован го подготвувал патот, а со крштавањето во водата, ги зарамнувал патеките. Со покајанието човечките души се подготвувале да го примат семето Христово, а со крштавањето во водата – тоа семе да го заријат длабоко во земјата на своето срце. Гордите и сиромашните кога голи ќе се потопат во водата, сите се изедначени, срамнети се со својата ништожност пред величието на преславниот Христос Спасителот. *Сите долини нека поиздигнат и сите гори и брегови да се наведнат.* Овде не станува збор за земните долини и брегови, туку за ништите и горделивите луѓе. Како што сите мртовци во гробовите пред живиот човек се еднакви, така и сите грешници, сиромашни, горделиви, робови и господари се еднакви пред живиот Бог.

Такво чудно видение видел Исаија, синот на Амоса, пророкот на живиот Бог, единствениот и вистински Бог.

О Господи, Цару небесен, на кого небесните воинства Му се поклонуваат дење и ноќе, погледни уште еднаш на нашата ништожност и заради Твоето понижување и Твоето страдање за нас, спаси нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

24 АВГУСТ

1. Свешт-мч. Евтихиј. Еден од помалите апостоли, родум од Севастопол. Ученик и подражавател на апостолите Јован Богослов и на Павле. Иако не е вброен во 70 апостоли, сепак се нарекува апостол поради тоа што им бил ученик на големите апостоли и заради тоа што во евангелската служба покажал вистинска апостолска ревност. Посветен за епископ – мисионер св. Евтихиј патувал многу, имајќи ангел за сопатник. Во самицата добивал небесен леб од ангелите. Кога телото му било стружено со запчесто железо, од него течела крв со необичен благопријатен мирис. Бил фрлан во оган и пред ѕверови и најпосле бил исечен со меч во Севастопол.

2. Св. мч. Татион. По потекло од Мантинеја, близу до Клавдиопол во Витинија. Пострадал во времето на Диоклецијан. По големите мачења, бил жив закопан во земјата и така Му ја предал својата света душа на Бога.

3. Св. мч-чка Сира. Била роднина на св. Марија Голиндуха (види, 12 јули). Персијанка, од градот Хирхаселевкос и ќерка на големиот гаталец огненопоклонички. Воспитана во безбожништво, девицата Сира дознала за Христа од некои бедни жени христијанки и нејзиното младо срце се разгорело со љубов кон Господа. Во некоја своја болест, додека уште не била крстена, таа побарала прав од црквата од христијанскиот свештеник, но свештеникот како некрстена ја одбил. Тогаш таа со голема вера се допрела до свештеничките одежди и оздравела. Тоа чудно исцеление уште повеќе ја утврдило во верата Христова. Но нејзиниот бездушен татко ја предал на тешки измачувања при што таа добивала охрабрување и утеха од небесни виденија. Била насилно удавена со јаже и потопена во вода, во 558 година, во времето на персискиот цар Хозрој I, а во својата 18. година од животот. И така, оваа света девица славно го завршила

својот овоземен пат и се преселила во небесните ангелски населби.

4. Преп. Арсениј Комелски. Родум од Москва, од возвшен род. Како момче примил монаштво во манастирот на св. Сергиј Радонежски. Како примерен монах бил избран за игумен, но тој тежнеел за молитвена самотија и се оддалечил во комелската шума, каде што до смртта се подвизувал, борејќи се храбро со големите демонски искушенија. Се упокоил во Господа во 1550 година.

5. Св. Георгиј Лимниот (Езерски). Исповедник. Голем олимписки подвижник. Пострадал на возраст од 95 години, во времето на иконоборството, во 716 година.[12])

РАСУДУВАЊЕ

Ако прашате повеќе луѓе зошто не одат на молитва в црква, обично ќе ви одговорат: „Немам време, морам да работам!“ Погледнете ги таквите луѓе кои само работат и не одат в црква, а се надеваат само на својата работа и споредете ги со оние кои го делат времето на работа и на молитва, и брзо ќе се уверите дека вторите се поимотни и, што е важно, тие се позадоволни. Се раскажува за двајца соседи кројачи, кои биле нееднакви и по работата и по молитвата, како и по имотот и по задоволството. Едниот од нив имал големо семејство, а вториот бил самец. Првиот имал обичај секое утро да оди в црква на молитва, а самецот никогаш не влегол во црквата. Првиот не само што помалку работел, туку бил и полош мајстор од вториот. И тој имал сè во изобилство, додека овој оскудевал. Овој го прашал првиот, како тој да има сè кога работи помалку од него. Тој што се молел му рекол дека оди секој ден в црква и по патот наоѓа изгубено злато, па го повикал и својот сосед да појде со него на молитва и ќе го разделат најденото злато. И двајцата соседи почнале редовно да одат в црква и набрзо и двајцата се изедначиле во изобилието и во задоволството. Секако, никакво злато тие не наоѓале на патот, но Божјиот благослов им го умножувал потребното на вистинските молитвеници.

---

[12]) Во грчкиот *Голем синаксар* се споменува уште и св. Дионисиј архиеп. Егински (+ 1624), од чии мошти се пројавиле многубројни чуда.

На тие кои *бараат прво царство Божјо и Негова правда*, Бог им го додава и им умножува сѐ останато што им е потребно за телесниот живот.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Божјото провидение што го чувало Давида да не падне во рацете на Саула (I Цар. 23), и тоа:

1. како Саул дошол да го опколи градот Кеила во кој бил Давид, но Бог тоа му го открил на Давида, па тој порано избегал;

2. као Саул во Маона за малку не го фатил Давида, но му дошло глас дека Филистејците ја нападнале земјата;

3. како Господ секојдневно бдее над праведникот и како Он ги преправа плановите на непријателот.

БЕСЕДА
за Христовиот карактер како што го прорекол Исаија

> *Нема да викне ниту да го подигне гласот Свој, нема да дозволи да Го чујат на улиците; скршената трска нема да ја здроби и ленот што тлее нема да го угасне; ќе суди според вистината* (Иса. 42:2–3).

Кој имал поголеми права од Господа, Синот Божји, да вика на земјата, во Своето лозје, на беззакониците? Кој имал поголеми права да ги навредува грешниците кои Го навредуваа Бога и Божјиот закон. О умилна кроткост, невидена помеѓу луѓето! О чиста водо планинска што од височините се слеваш и молчејќи ја миеш нечистотијата на човечките населби! Многумина безбожници мислат дека би поверувале во Христа кога од Него би слушнале не благи зборови, туку громогласни. Но што е подобро нека кажат безбожниците, дали громогласните зборови со викотници и роптаење, што поминуваат без дејство како чад што е носен од ветрот или благите зборови што имаат дејство на гром? Може ли легион на громови да го истера легионот ѓаволи од еден оп-

седнат човек? Легион од громови пукнал над Гадар, но легионот од ѓаволи во безумниот човек тоа не го ни почувствувале. Господ Исус не им викал ниту на демоните, туку тивко им рекол да излезат и тие послушно излегле. Не е суштината, браќа, во повикот и во критиката, туку во силата.

Скршената трска нема да ја здроби, и ленот што тлее нема да го угасне. Ова се однесува на ***Стариот завет***, чиј дух фарисеите го столчиле сосема и го преполниле со саботарски формалности, и којшто иако уште чадел, но не им давал светлина на луѓето заради отапениот разум и скаменетото срце на луѓето. Нема Господ да ја скрши столчената трска ниту сосема ќе го изгасне придушениот оган на тој закон којшто го дал Он. Ова уште се однесува и на грешните луѓе. Луѓето столчени од гревот нема Он да ги доврши ниту, пак, грешниците, кај кои божествената светлина се претворила во чад ќе ја изгасне, туку ќе ја исправи трската и ќе го разгори божествениот оган кај луѓето. Зашто заради грешниците Он и дошол во светот. Ќе го јавува судот полека и кротко, но со сила што ја носи самата вистина со себе. Ќе се однесува смирено и кротко, и со сожалување и со милост, слично на лекарот, но далеку повозвишено и посрдечно отколку лекарот кога ќе влезе во домот на безумните.

О Господи, кроток и тивок, исполни нѐ со Твојата прекрасна кроткост и смиреност. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

25 АВГУСТ

1. Св. ап. Вартоломеј. На овој ден се празнува преносот на моштите на св. Вартоломеј, додека неговиот главен празник е на 11 јуни. Кога овој голем апостол бил распнат на крст во Албанопол Ерменски, христијаните го симнале неговото тело и чесно го погребале во оловен сандак. Бидејќи на гробот на апостолот се случувале многубројни чуда, особено исцеленија на болни, поради што се зголемувал бројот на христијаните, незнабожците го зеле ковчегот со моштите на Вартоломеј и го фрлиле в море. Во истото време фрлиле уште четири ковчези со мошти на четири маченици: Папијан, Лукијан, Григориј и Акакиј. Но по Божјата промисла ковчезите не потонале, туку носени од водата до-

пливале, и тоа: Акакиевиот ковчег во градот Акалус, Григориевиот во Калабрија, Лукијановиот во Месина, Папијановиот на другата страна во Сицилија, а на Вартоломеј на Липарските Острови. По некое таинствено откровение, епископот Липарски, Агатон, дознал за приближувањето кон Липар на моштите на св. апостол Вартоломеј. Агатон со клирот и народот излегол на брегот и го дочекал ковчегот со голема радост. Во таа прилика се случиле многу исцеленија на болни од моштите на св. апостол. Моштите биле положени во црквата на св. Вартоломеј и тука лежеле до времето на Теофил иконоборецот (околу 839 година), па бидејќи муслиманите ги нападнале Липарските Острови, моштите на апостолот биле пренесени во градот Беневент. Така Господ го прославил Својот апостол со чудата, за време на животот и после смртта.

2. Св. ап. Тит. Еден е од седумдесетмината. Роден е на Крит и воспитан во грчката философија и поезија. По повод на еден сон, тој зел да го чита пророкот Исаија и се посомневал во сета елинска мудрост. Слушнувајќи за Христа Господа, тој отишол во Ерусалим со уште некои критјани и лично ги чул зборовите на Спасителот и ги видел Неговите моќни дела. Неговото младо срце се прилепило до Христа. Подоцна бил крстен од апостол Павле, на кого, како син на татко, му послужил во делото на ***Евангелието***. Павле толку го љубел Тита што го нарекувал некогаш *вистинско чедо* (Тит 1:4), некогаш *брат* (II Кор. 12:18). Тит многу патувал со големиот апостол на народите. Од него бил поставен за епископ Критски. При страдањето на Павле во Рим бил присутен и Тит и чесно го погребал телото на учителот и својот духовен отец. Потоа се вратил на Крит, каде што со голем успех ги крштавал незнабожците и мудро управувал со Црквата Божја до длабока старост. Се упокоил во 94. година од својот живот.

3. Св. исповедници Едески. Многу страдале по самици и во прогонство за верата православна во времето на царот Валент, кој ја поддржувал Ариевата ерес. Но за време на царот Теодосиј биле ослободени.

4. Св. Мина патријарх Цариградски. Мудро управувал со црквата од 536 до 552 година. Пред тоа управувал со домот на св. Сампсон за бедни и неволни лица. При неговото хиротонисување за епископ учествувал и папата Ага-

пит, кој тогаш дошол во Цариград заради побивање и симнување на еретичкиот патријарх Антим[13]).

РАСУДУВАЊЕ

Натчовечката одважност, готовноста да се поднесат сите маки и доброволно умирање за Христа на нашите христијански предци влевале страв кај нивните мачители. Царот Максимијан, лут и беспоштеден гонител на христијаните, му наредил на својот проконзул во Антиохија да го пушти св. Андреј Стратилат од затвор на слобода од страв да не се побуни народот, кој повеќе го почитувал Андреа отколку царот. Царот Валент му наредил на својот епарх во Едеса да ги убие сите христијани кои се против Арија. Епархот имал повеќе човечко милосрдие отколку царот, па тајно, ноќе, им јавил на христијаните наредниот ден да не излегуваат од градот во полето каде што, обично, држеле богослужби (затоа што ариевците ги зафатиле сите цркви во градот) за да не погинат. И покрај опомената, сите христијани утрото излегле весели во полето, радосни што ќе пострадаат за вистинската вера. Епархот, доаѓајќи од градот со војниците, видел една христијанска жена со дете на рацете како брза покрај војниците во полето. Епархот ѝ рекол: „Зар не си чула дека таму епархот со војската ќе дојде и ќе ги испотепа сите кои ќе ги најде?“ Жената му одговорила: „Слушнав, па затоа брзам со нив да умрам за Христа“. Понатаму, епархот ја прашал: „А детево зошто го носиш со себе?“ Жената рекла: „Сакам и моето дете да се удостои со мачеништво заедно со мене“. Кога го слушнал и го видел тоа, епархот се исплашил и се вратил да му соопшти на царот. Царот многу се исплашил и ја повлекол својата наредба за масовното убивање.

---

[13]) Се зборува, дека за време на овој патријарх, Мина, во Цариград се случило ова чудо: некое еврејско дете отишло со своите христијански другари в црква, па следејќи го нивниот пример и тоа се причестило. Таткото на тоа дете, фабрикант за стакло по професија, кога дознал за постапката на својот син, го фатил и го фрлил во усвитена печка, подготвена за печење на стаклото. Три дена и три ноќи детето останало затворено во печката. А кога ја отвориле печката, детето го нашле живо и здраво, сочувано по Божја промисла.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за необичната великодушност на Давида (I Цар. 24), и тоа:

1. како Саул, гонејќи го Давида влегол, не знаејќи, во пештерата во која што бил Давид со слугите;

2. како слугите го убедувале Давида да го убие Саул, но Давид тоа не го направил;

3. како Давид му викнал на Саула: *Господ нека пресуди помеѓу мене и тебе!*

БЕСЕДА
за отворената темница и осветлениот мрак

Да им кажеш на затворените: излезете и на оние што се во темнина: покажете се (Иса. 49:9).

Кој е поголем затвореник од оној којшто е врзан со гревовите? Има ли поголем мрак од мракот на гревот, смртта и адот? Кој може да разреши од гревот? Единствениот Бог. Тоа го признавале и самите книжници и фарисеи (Мк. 2:7). Христос разрешил од гревот многумина и ги направил здрави и слободни. Ако единствено Бог може да ги разреши гревовите зошто Евреите не го признавале за Бог? Затоа што и тие биле заробени од гревот па не можеле до крај логично да расудуваат ниту, пак, дозволиле Бог да ги разреши од затворот на гревот. Погледнете, во каква глупост паѓаат и еврејските мудреци: додека на една страна тврдат дека единствено Бог може да ги разреши луѓето од гревот, дотогаш на другата страна Го оптужуваат Христа дека Он делува со помош на ѓаволот! Ѓаволот е оној кој заробува, како ѓаволот ќе разрешува? Ѓаволот е оној кој го уништува човекот, како тогаш тој ќе го спасува? Таму каде што се ѓаволите, таму е темница, грев, смрт и ад. Единствено Христос имал моќ, неспоредлива божествена моќ од таа темница да ги изведува и да ги спасува човечките души. *Синко, ти се опростуваат гревовите! Момче, стани! Лазаре, излези*

надвор! Со својот силен збор Он ги раскинувал оковите на грешниците и ги изведувал мртвите на светлината на животот. Со Своето слегување во адот, Он го разурнал престолот на сотаната и ги ослободил душите на праведниците. Со Своето воскресение, Он потполно ја открил Својата совршена власт над сите ѓаволски окови, над сите адски сплетки и над последниот непријател – над смртта.

О Господи, Победнику на демоните, Ослободителу од гревовите, Воскреснувачу на мртвите, на Тебе Ти се поклонуваме и Тебе Те молиме, ослободи нè, воскресни нè и благослови нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

26 АВГУСТ

1. Св. мч-ци Адријан и Наталија. Биле маж и жена, и двајцата од благороден и богат род од Никомидија. Адријан бил началник на писарот и незнабожец, а Наталија била тајна христијанка. Двајцата млади живееле во брак само 13 месеци до маченииштвото. Кога опакиот цар Максимијан ја посетил Никомидија, наредил да се фаќаат христијаните и на маки да се ставаат. Близу до градот, во една пештера, биле скриени 23 христијани. Некој ги поткажал на властите и биле силно тепани со воловски жили и со стапови, па потоа биле фрлени во самица. Потоа ги извеле од самицата, ги довеле кај писарот да им ги запише имињата. Адријан ги гледал овие луѓе, измачени, но трпеливи, мирни и кротки, па ги заколнал да му кажат што очекуваат тие од својот Бог за претрпените маки? Тие му зборувале за блаженството на праведните во Царството Божјо. Кога го слушнал го тоа и кога повторно ги погледнал тие луѓе, Адријан одеднаш се свртел кон писарот и му рекол: „Запиши го и моето име со овие светии и јас сум христијанин!“ Кога за тоа чул царот, го прашал Адријана: „Да не се симна од умот?“ На што Адријан рекол: „Не сум се симнал од умот, туку ми дојде умот“. Откако разбрала за ова, Наталија многу се израдувала и кога Адријан со останатите седел окован во самицата, таа дошла и им служела на сите; а кога нејзиниот маж го тепале и го мачеле со разни маки, таа го храбрела да истрае до крајот. По долготрајните маки и самувања, царот наредил да се донесе во самицата наковална и со чекан да им се искршат и рацете и нозете. Тоа било извршено и Адријан со 23

чесни мажи издивнал во претешки маки. Моштите нивни Наталија ги пренесла во Цариград и таму чесно ги погребала. По неколку дена, ѝ се јавил св. Адријан, сиот во светлина и убавина и ја повикал и таа да појде при Бога, и таа мирно го предала својот дух на Бога.

2. Преп. Титој. Ученик на св. Пахомиј и голем меѓу египетските подвижници. Бил игумен на манастирот во Тавена. Цел живот го поминал во потполна чистота. Еднаш го прашал некој брат: „Кој пат води кон смирението?“ На тоа Титој одговорил: „Патот кон смирението е: воздржливост, молитва и сметањето себеси за најнизок од секое создание“. Достигнал многу голем степен на совршенство и секојпат кога ги подигал рацете на молитва, неговиот дух доаѓал во екстаза. Се упокоил во IV или во V век. Воедно со него се споменува и преп. Ивистион.

3. Св. Зер-Јаков, голем мисионер на христијанството во Етиопија.

4. Чудото на Пресвета Богородица во Москва во 1395 година.[14])

РАСУДУВАЊЕ

Понекогаш ќе се слушне безбожен збор и кај христијаните, и овде не може да помогне ни Бог! Нема опасност во која Бог не може да помогне ниту има непријател, кој со својата сила, без Божјо допуштање, ќе може да победи. Не прашувај како Бог ќе ја разбие силната војска на нашите непријатели. Тоа на Бога Му е полесно отколку на тебе да вдишеш или да издишеш воздух. Читај како Бог со едно привидение ја исплашил сириската војска, та војниците се разбегале и се спасил Израилот (II Цар. 7:6). Читај како Ерусалим бил спасен од силната вавилонска војска без никаков напор на царот Језекиј, освен неговиот плач пред Бога и молитвата (II Цар. 19:35). Но Бог не правел такви чуда само во древните времиња, туку ги прави во секое време кога верниците Му се молат. Така, во 1395 година, татарскиот цар Тамерлан ја опколил Москва со огромен број на војници. Русите ја пренесле чудотворната икона на Пресвета Богородица до

[14]) Под денашнава дата во грчкиот *Синаксар* се наоѓа и житието на св. Јоасаф, принцот Индиски. Во словенските *Пролози,* пак, како и во овој, тоа се наоѓа под 19 ноември.

градот Владимир во Москва и сиот народ со солзи почнал да се моли на Света Пречиста. Одеднаш татарската војска, без видлива причина, почнала набрзина да отстапува и да бега. Што се случило? Тамерлан на сон имал видение: облаци од светители лебделе под небесата, во нивната средина била Света Богородица како царица, а уште понатаму имало безбројна војска од ангели. Богородица остро му се заканила на Тамерлан и му наредила веднаш да отстапи од руската земја, а светителите со своите жезоли замавнувале кон царот. Исплашен со тој сон, штом се разденило, Тамерлан наредил на отстапување и бегство.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Давидовата великодушност (I Цар. 26), и тоа:

1. како Давид ноќе влегол во Сауловиот логор и додека тој спиел му ги зел копјето и чашата;
2. како Давидовиот војвода сакал да го прободе Саула, но Давид му забранил;
3. како Давид ја оставал одмаздата на Бога.

БЕСЕДА
за тоа како Исаија ги предвидел страдањата Христови

Грбот свој го подметнав на оние што Ме биеја и образите свои – на оние што Ме удираа; лицето Свое не го скрив од подбив и од плукање (Иса. 50:6).

Ова е пророштво, браќа, а сега чујте го неговото точно исполнување*: тогаш (Пилат) откако Го бичуваа Исуса, Го предаде да биде распнат* (Мт. 27:26). Зар не е тоа што го прорекол пророкот: *грбот свој го подметнав на оние што Ме биеја?* Чујте понатаму: *еден од слугите, кој стоеше близу, Го удри Исуса по образ* (Јн. 18:22); и уште: *па кога Го покрија, Го удираа по образите и Го прашуваа, велејќи: „Проречи кој Те удри“* (Лк. 22:64). Зар не е тоа што го прорекол пророкот: *и образите свои – на оние што Ме*

удираа. Чујте понатаму: *Му се потсмеваа* (Мт. 27:29), и *Го биеја по главата со трска и Го плукаа* (Лк. 15:19). Зар не е тоа пророкот што прорекол: *и образите свои – на оние што Ме удираа*. Разгледајте, браќа, колку е јасно пророштвото од збор до збор. Размислете со ужас како видовитиот Божји човек предвидел преку ѕидот од неколку стотини години појасно од дното на бистрата и плитка вода! Бог со својата голема сила го отворил духот на смртниот човек, со духот да ги види случувањата во далечината јасно како што се гледаат со телесните очи случувањата во близината. Како ли самиот Бог, кој сè гледа, предвидел низ сржта на нашите коски, низ маглата на нашите мисли, низ сите тајни на нашето срце? Он е присутен во нашите мисли пред да се родат, во нашите желби пред да се зачнат. Он е единствениот неподмитлив сведок на сите случувања, однадвор и однатре, на височина и во длабочина, на должина и на широчина. И Он му го сведочи на нашиот дух, не лажно, она, што нашиот дух сака да го знае заради добра полза и спасение на душата.

О пречуден Сведоку на сите тајни на небото и на земјата, Кој сè гледаш, Создателу и Промислителу наш благ, Ти единствено ја гледаш немоќта на секој од нас. Помогни ни да го дознаеме она што ни е потребно заради вечно спасение. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

27 АВГУСТ

1. Преп. Пимен Велики. Родум е Египќанец и голем египетски подвижник. Како момче ги посетувал познатите духовници и од нив собирал опитно знаење како пчелата мед од цвеќето. Еднаш Пимен го замолил старецот Павле да го одведе кај св. Пајсиј. Кога го видел Пајсиј, му рекол на Павлета: „Ова дете ќе спаси многумина, со него е Божјата рака“. По некое време Пимен се замонашил и привлекол кон монаштвото уште двајца свои браќа. Еднаш дошла мајката да ги види своите синови, но Пимен не ја пуштил внатре, туку преку врата ја прашал: „Дали повеќе сакаш да нè видиш тука или онаму во вечноста?“ Мајката се оддалечила со радост, зборувајќи: „Кога сигурно ќе ве видам таму, тогаш не сакам да ве видам тука“. Во манастирот на овие тројца браќа, со кој управувал најстариот брат, ава Анубиј, типи-

кот бил таков: ноќе 4 часа поминувале во ракотворба, 4 часа во спиење и 4 часа во пеење на псалми. Дење, од утро до пладне поминувале наизменично во работа и во молитва; од пладне до вечерната служба во читање, а попладне си готвеле вечера, единствен оброк во 24 часа, и тоа обично од некое зеље. За нивниот живот самиот Пимен зборувал: „Ние јадевме тоа што ќе ни се принесеше; никој никогаш не рече: *Дај ми мене нешто друго*; или: *Јас тоа не го сакам.* На тој начин ние го поминавме целиот живот во безмолвие и во мир". Се подвизувал во V век и се упокоил мирно во длабока старост.

2. Преп. Пимен Палестински. Се подвизувал во Рува, палестинската пустина во времето на царот Маврикиј (582 – 602). Во младите години бил овчар. Еднаш неговите кучиња нападнале некој човек и го растргнале, а тој од несериозност не го одбранил човекот. Поради тоа, му било откриено дека и тој на крајот ќе погине од ѕверови. Така и се случило. Бил изеден од ѕверови и Му ја предал душата своја на Господа.

3. Св. Осија еп. Кордовски. Повеќе од 60 години управувал со Црквата во Шпанија како епископ Кордовски. Учествувал активно на Првиот вселенски собор во Никеја и претседателствувал на Помесниот сардикиски собор во 347 година. Толку ревнувал за православието што и пред смртта своја повторно ја предал под анатема Ариевата ерес.

4. Свешт-мч. Кукша и Пимен посник. Двајцата монаси на Печерскиот манастир. Кукша со успех им го проповедал ***Евангелието*** на вјатчаните и ги крштавал. Еден ден го нападнале незнабожците и го убиле зедно со неговиот ученик. Во тој час Пимен посникот стоел на служба во Печерскиот манастир, па провидувајќи ја со духот смртта на својот ученик и другар Кукша извикнал: „Братот наш Кукша денес е убиен за ***Евангелието***". И велејќи го ова и самиот издивнал во 1113 година.[15])

---

[15]) Во грчкиот *Голем Синаксар* се споменува под 27 август и св. мч. Фануриј. Кој бил и кога живеел овој светител не се знае. Многу се почитува на Родос и Крит. Во годината 1500 им се јавил на некои на островот Родос каде што покажал и чудесни исцеленија. Таму е најдена и една негова стара икона, на која Фануриј е изобразен како момче и војник, држејќи во десната рака крст, а во левата запалена свеќа. Св. Фануриј многу се слави и во Египет. Таму постои предание дека неговата мајка била тешка грешница, која ни тој не можел да ја поправи. Но него-

РАСУДУВАЊЕ

Големите православни Божји подвижници во напорното искачување кон царството Божјо биле како оној кој ползи по стрмната планина, па гребе и со нозете и со рацете за да направи еден чекор, не помислувајќи да се сврти назад. Навистина е за чудење нивниот труд и нивната бестрасност. Св. Пимен не сакал да ја види својата мајка кога му дошла на посета. Некој кнез сакал да го види Пимена, но овој откажал. Тогаш кнезот со помош на лукавство измислил да го примора старецот да се види со него; тој го уапсил синот на сестрата од Пимен и ѝ рекол дека ќе го пушти нејзиниот син, ако дојде Пимен кај него на разговор. Сестрата отишла во пустината, тропајќи на вратата го молела братот да излезе и да ѝ го спаси синот. Но Пимен не излегол. Тогаш сестрата почнала да навредува и да колне. Но Пимен пак не излегол. Кога го слушнал ова кнезот, наредил да му се напише писмо на Пимен и да му се каже дека, барем писмено, кога не сакал усно, ако го замоли кнезот да го пушти внукот, кнезот тоа ќе го направи. Пимен одговорил: „Нареди добро, кнезу, да се испита вината на момчето, па ако е вината таква да заслужува смрт, нека умре, така што со казната во времето ќе ги избегне маките во вечноста; ако, пак, вината не повлекува смртна казна, ти според законот опомени го, па тогаш пушти го“. Кога го прочитал ова правично и непристрасно расудување, кнезот многу се зачудил и го пуштил момчето, а почитувањето свое кон Пимен го удвоил.

вата синовска љубов кон мајка си била необично голема. Тој повеќе се молел на Бога за спасението на својата мајка, отколку за своето. Кога незнабожците го убивале со камења поради Христа, св. Фануриј се молел на Бога: „Заради овие мои маки за Тебе, помогни им, Господи, на сите оние кои ќе Ти се молат за спасението на грешната мајка на Фануриј“. Во Египет многу христијани така и се молат: „Спаси ја, Господи, мајка му на св. Фануриј и помогни ми мене грешниот“. И со помош на таа молитва многумина добиваат помош.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за потполното Сауловo отпаѓање од единствениот Бог (I Цар. 28–31), и тоа:

1. како, уплашен од Филистејците, Саул се обратил на безбожничка гаталка да му гата;

2. како гаталката со гатање предизвикала некој дух што се нарекол Самоил, и кој му прорекол на Саула погибел;

3. како Саул погинал со своите синови од Филистејците.

БЕСЕДА
за Христовиот ден како што прорекол Исаија

Затоа Мојот народ ќе го познае името Мое; затоа ќе разбере во оној ден дека Јас сум истиот, Кој вели: „Еве Ме!“ (Иса. 52:6).

Нашиот Бог е, браќа, Бог на вистината. И на Сонцето има дамки, а на нашиот Бог нема ни дамка ниту невистина. Секој збор кажан од Бога преку пророците се овистинил. Кога Словото Божјо се овоплотило во нашиот Господа Исус Христос, тогаш јасни како Сонце се покажале сите пророштва што се однесувале на Него, а кои дотогаш за Евреите биле темни загатки. И *Словото постана тело*, се вели во *Евангелието* за превечното Слово Божјо, за вечната Мудрост Божја, за Синот Божји, но во тоа отелотворено Слово Божјо и секое пророчко слово се покажало телесно. Додека Господ Христос не дошол телесно во посета на луѓето, книжниците и читачите на ***Светото писмо*** можеле да мислат за многу пророчки зборови, долго и долго неисполнети, дека тие зборови се само од пророците како од луѓе, а не од Бога. Но Бог не дал за Неговите пророци да се мисли ниско затоа и рекол дека луѓето ќе познаат во оној ден дека Јас сум Оној кој говори. Бог, значи, сакал да му даде важност на секој пророчки збор и сакал да ги научи луѓето на трпение, трпеливо да го чекаат оној ден, оној чуден ден, кога појавата на Господа на земјата во тело јасно ќе викне во секое

уво: *Еве ме!* Оној кој Го познал Господа Исуса како Бог во тело, тој Го познал во Него истовремено Оној кој говорел преку пророците.

Еве ме – така и денес говори Христос. Јас сум Оној кој говори преку сета создадена вселена. Јас сум Оној кој зборувал преку пророците. Јас сум Оној кој низ телесните усни ги говорев зборовите за вечно спасение. Јас сум Оној кој зборував преку апостолите, светителите и учителите. Јас сум Оној кој говори и кој ќе говори до крајот на времињата преку Црквата Моја света. Јас сум Оној кој говори и за кого се говори.

Господи, На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

28 АВГУСТ

1. Преп. Мојсеј Мурин. Египќанин, по професија прво бил разбојник и водач на разбојничка дружина, а потоа бил покајник и голем подвижник. Како роб на некој господар, Мојсеј побегнал и станал разбојник. Поради неговата голема телесна снага и безобѕирноста, разбојниците го избрале за свој старешина. Одеднаш на него наишла грижа на совеста и покајание за неделата што ги извршил, ја оставил дружината, стапил во некој манастир и се предал потполно на послушност на својот духовник и на манастирскиот ред. Многу се користел со поуките на светите Макариј, на Арсениј и на Исидор. Подоцна се повлекол на безмолвие во една келија, каде што целиот се предал на телесен труд, молитва, бдеење и богомислие. Мачен од демонот на блудот, тој се исповедал кај духовникот Исидор и од него добил совет да пости што повеќе и да не јаде до ситост. Но кога и тоа не помогнало, тој по совет на старецот, почнал ноќе да бдее и да се моли стоејќи; потоа, вообичаено, почнал по цела ноќ да им носи вода на старците од оддалечен бунар. По шестгодишен огромен труд, најпосле св. Исидор чудотворно го исцелил од блудните помисли, фантазии и соништа наведувани на него од демонот. Во староста бил ракоположен за свештеник. Основал свој манастир и имал 75 ученици, а поживеал во овој живот 75 години. Ја провидел својата смрт и еден ден им рекол на своите ученици да бегаат, бидејќи варвари ќе удрат на манастирот. Кога учениците и него го викале да бега, тој рекол дека треба да погине од насилие, за-

што и самиот некогаш правел насилие, според зборовите: *сите што се фаќаат за нож, од нож ќе загинат* (Мат. 26:52). Па останал со 6 собраќа; варварите дошле и ги убиле. Еден од браќата бил скриен во близина и гледал, и видел 7 светли венци како се спуштиле на седумте маченици.

2. Преп. Сава Псовски и Крипецки. По потекло е Србин. Се подвизувал прво во псовскиот манастир „Св. Богородица" и бил игумен во тој манастир. Многу го славеле, а тој бегал од човечката слава и се оддалечил на брегот на езерото Крипец каде што основал нова обител во името на св. Јован Богослов. Сепак и тука не можел да се скрие од славата и познатоста. Го посетил и кнезот Јарослав Псовски со жената. Сава не ѝ дал на жената да влезе во манастирот, туку ја благословил и се помолил на Бога за неа надвор од манастирот и ја исцелил од некоја болест. Овој Божји светител се упокоил во 1495 година. Моштите негови биле и останале чудотворни. Од неговите ученици – приемници во Крипец се споменува игуменот Доситеј.

3. Собор на сите Печерски богоугодници.

РАСУДУВАЊЕ

Вистинскиот христијанин ја избегнува човечката пофалба. Не само што ја избегнува, туку има и вистински страв од неа. Св. Сава Псковски ги оставил и игуменството, и манастирот, и добрите браќа во манастирот и побегнал во еден пуст предел, само да ја избегне пофалбата од луѓето. Затоа што пофалбата од луѓето го краде нашето срце. Некој благочестив кнез кога слушнал за подвизите на св. Мојсеј Мурин, тргнал со својата свита во пустината да го види. Му јавиле на Мојсеја дека кнезот доаѓа во неговиот манастир. Мојсеј брзо истрчал и тргнал да бега и да се скрие каде било, но одненадеж се сретнал со високите посетители. „Каде е келијата на ава Мојсеј?" – го прашале слугите на кнезот, не знаејќи дека е тоа самиот Мојсеј. Мојсеј ја отворил устата и рекол: „Зошто ви е тој, тој е безумен старец, кој многу лаже и сиот е нечист во животот". Кога го слушнале тоа, посетителите се зачудиле и си одминале. Кога стигнале пред келијата на Мојсеја, прашале за старецот, а монасите рекле дека не е тука. Тогаш тие им раскажале што им рекол за Мојсеја монахот што го сретнале на патот. Монасите се растажиле и прашале: „Како изгледа старецот кој ви говорел

хулни зборови за светиот маж?“ А кога тие рекле дека бил многу црн во лицето, висок, во бедна мантија, монасите восскликнале на глас: „Па тоа е навистина авва Мојсеј“. Со овој случај кнезот извлекол многу духовна корист и се вратил дома радосен.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за благородноста на Давида (II Цар. 1), и тоа:

1. како стигнал гласник и му јавил на Давида за загинувањето на Саула и на Јонатан, мислејќи дека за тоа ќе добие награда;

2. како Давид многу се разжалостил и тагувал за Саула, кој нему ништо не му посакувал освен смрт.

БЕСЕДА
за изгледот на Месијата

Ние го видовме и во Него немаше изглед што ќе нè привлекува кон Него (Иса. 53:2).

Ова пророкот го говори за Христа Господа како за човек. *И во Него немаше изглед!* Зар Он кој ѝ дал изглед на секое создание и кој ги создал прекрасните небесни ангели и целата красота на вселената да немал изглед ни убавина? Не треба ова да ве збунува, браќа. Он можел да се појави онаков каков што ќе посакал. Но Он не сакал да се јави во ангелска убавина, како што и не сакал да се јави во царска сила и во раскош на богаташ. Кој оди во куќа на жалост, не се облекува во најубавата облека; ни лекарот не се облекува во својата најубава облека кога оди кај тешките болни. А Господ дошол во куќа на жалост и во болница. Телото е облека на душата. Он се облекол во проста облека да влијае не со облеката, туку со силата на духот. Ние точно не знаеме со каков изглед бил Он. Според преданието, лицето му било црномурно, а косата со костенлива боја. Кога царот Авгар го испратил својот сликар Ананиј да го наслика лицето Господово, Ананиј не можел ниедна црта да повлече на плат-

ното, бидејќи, се вели, Христовото лице зрачело се некаква необична светлина.

Впрочем, Христос и да се облечел во најубаво тело, какво што само Он би можел да си создаде, што би била таа Негова телесна убавина спрема убавината на Неговото Божество? Најголемата убавина на земјата одвај е само сенка на небесната убавина. Пророкот Даниил бил млад и убав човек, но кога ангелот Божји застанал пред него, тогаш самиот тој рекол: „Но во мене не остана сила и видот на лицето мое се измени многу, не остана во мене бодрост“ (Дан. 10:8). Што е лицето на човекот од земја според ликот на бесмртниот Божји ангел? Како темнина спрема светлина. Секако, пророкот гледајќи Го Христа бесмртниот Цар во човечко тело и споредувајќи Го неговиот земен лик со Неговиот бесмртен лик, морал да повика: „Во Него немаше изглед!“

О благ и преблаг Господи, кој заради нас си се облекол во нашата телесна облека за да ни послужиш и да не не исплашиш. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

29 АВГУСТ

1. Отсекување главата на св. Јован Крстител. Ирод Антипа, син на стариот Ирод, убиец на младенците во Витлеем во времето на раѓањето на Господа Исуса, бил господар на Галилеја, во времето на проповедта на Јована Крстител. Тој Ирод бил женет со ќерката на некој арапски кнез Арета. Но Ирод, зол изданок од зол корен, ја избркал својата законска жена и незаконски ја зел за себе за сопатничка Иродијада, жената на својот брат Филип, кој бил уште жив. Против ова беззаконие станал Јован Крстител и силно го разобличил Ирода. Ирод за тоа го фрлил во самица. За време на една веселба во својот двор во Севастија Галилејска, пред гостите играла Саломија, ќерката на Иродијада и Филипа. И пијаниот Ирод, занесен од таа игра, ѝ ветил на танчарката дека ќе ѝ даде сè што ќе побара од него, па тоа да биде и половина од царството. Поучена од мајка си, Саломија ја побарала главата на Јован Крстител. Ирод наредил, та го убиле Јована во самицата и ја донесле неговата глава на табла. Учениците Јованови ноќе го зеле телото на својот учител и чесно го погребале, а Иродијада го избола со игла јазикот Јованов, а главата ја закопала на некое нечисто мес-

то. Што се случило понатаму со главата на Јован може да се прочита под 23 февруари. Но оваа група злотвори набргу ја стигнала Божјата казна. Кнезот Арета за да ја измие честа на својата ќерка, удрил со војска на Ирода и го сотрел до земја. Поразениот Ирод бил осуден од кесарот римски Калигула на прогонство, прво во Франција, а потоа во Шпанија. Како прогонети Ирод и Иродијада живееле во беда и понижување сè додека земјата не се отворила и не ги проголтала. А Саломија загинала со зла смрт на реката Сикорис (Сула). Смртта на св. Јован се случила пред Пасха, а празнувањето на 29 август е востановено поради тоа што на тој ден е осветена црквата што ја подигнале царот Константин и царицата Елена на неговиот гроб во Севастија. Во таа црква се положени и моштите на учениците Јованови: Елисеј и Авдиј.

2. Преп. Теодора Солунска. Како жена на имотен и благочестив човек, живеела на островот Егина. Но кога Арапите ја загрозиле Егина, тие се преселиле во Солун. Тука својата ќерка единка ја дале во манастир, која во монаштвото го добила името Теописта. Наскоро мажот на Теодора се упокоил, па и Теодора се замонашила. Била голема подвижничка. Често слушала ангелско пеење и им зборувала на сестрите: „Не слушате ли како прекрасно пеат ангелите во небесното светилиште?“ Се упокоила во својата 75 година, во 879 година. Од нејзиното тело потекло целебно миро со кое многумина се исцелиле.

3. Св. мч-чка Василија. Пострадала за Христа во Срем.

4. Св. мч. Анастасиј. Момче од Радовиш, епархија Струмичка. Занает учел во Солун. Турците го присилувале да се потурчи, што тој решително го одбил и поради тоа бил мачен и најпосле бил обесен на 29 август 1794 година.

РАСУДУВАЊЕ

Ако набљудувате како луѓето умираат, ќе видите дека смртта на еден човек, обично, личи на неговиот грев. Како што е напишано: *...Зашто сите кои се фаќаат за нож, од нож ќе загинат* (Мт. 26:52). Секој грев е нож и обично луѓето бидуваат погубени со оној грев којшто го правеле со желба. Пример за тоа ни дава и Саломија, нечестивата ќерка на Иродијада, која ја побарала и ја добила главата на Јована Крстител на тас. Живеејќи во Шпанија, во градот Лерида, со

прогонетиот Ирод и со Иродијада, таа еден ден тргнала преку замрзнатата река Сикорис. Мразот се искршил и таа паднала во водата до гуша. Парчињата од мраз ја стегнале околу вратот, таа се прпелкала играјќи со нозете во водата како што некогаш играла на дворецот на Ирод. Но не можела ниту да се подигне, ниту да се удави сè додека остриот мраз не ѝ ја отсекол главата. Нејзиното тело го однесла водата, а главата ѝ ја донесле на тас на Иродијада, како некогаш главата на Јована Крстител. Гледате ли како страшно смртта личи на направениот грев.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за праведноста на Давида (II Цар. 3), и тоа:

1. како војводата Авенир, Давидовиот противник, му се предал на Давида на верба;
2. како Јоав, Давидовиот војвода, го убил Авенира;
3. како Давид го проколнал домот на Јоав и многу плачел за Авенир.

БЕСЕДА
за исцелување на човештвото со Христовите рани

А преку Неговите рани ние се излекувавме (Иса. 53:5).

Со Христовите рани ние се излекувавме, така прорекол Божјиот пророк и сега ние знаеме дека неговото пророштво е вистинско. Со Христовото страдање ние се спасивме од вечното страдање; со Неговата пречиста крв и ние се очистивме од гревовната губа и оживеавме. Нашето тело и крвта постанаа нечисти од гревовните страсти, а нашиот дух беше гнездо и извор на телесна нечистотија. Може ли нечистото со нечисто да се очисти? Може ли валканото платно да се испере со нечиста вода? Не може. Туку само тоа што е чисто може да испере она што е нечисто. Дека човечкиот род е нечист тоа го знаат и незнабожците. Но тие нечистото сакаат да го очистат со нечисто, прво призивајќи ги нечистите духови и поклонувајќи им се на нив, и второ,

принесувајќи нечисти жртви, било човечки или животински. Една капка крв од пречистиот Христос повеќе може да го очисти човечкиот род, отколку сите идолопоклонички жртви од постанокот на светот. Зошто? Затоа што крвта Христова е чиста, а сè останато е нечисто. Лекарите земаат една капка од некој јак лек, ја разблажуваат и со тоа пелцуваат многу луѓе да ги направат имуни на некоја болест. И крвта Христова во потирот ние ја разблажуваме со вода, па тогаш ја земаме и ја пиеме, бидејќи се вели: *Кога го прободоле телото на Господа со копјето, веднаш потекло крв и вода* (Јн. 19:34). Таква е силата на една капка Негова крв за од неа да може да изгори светот. Тоа е безгрешна крв, единствена безгрешна, пречиста крв, единствена чиста во светот. О кога луѓето би знаеле каква е силата на апсолутната чистота! Сите нечисти од гревот би побрзале да се очистат со пречистиот Христос и сите немоќни би побрзале да се причестуваат со крвта и телото Христови, и сите неверни би поверувале во Христа. Бидејќи овде има три и сите три се чисти и очистуваат: чист дух, чиста крв и чисто тело. А само чистото може да го очисти нечистото, и она што е здраво може да го излекува нездравото, и она што е моќно може да го подигне немоќното.

О Господи, сесилен Господи наш, очисти нè нас грешните со Твоите рани, со невините и пречисти рани. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

30 АВГУСТ

1. Собор на св. српски просветители и учители. На овој ден не се споменуваат сите српски светители воопшто, туку само неколку архиепископи и патријарси, и тоа св. Сава, првиот српски архиепископ, наречен рамноапостолен; Арсениј, наследникот на св. Сава, голем јерарх и чудотворец; Сава, син на првовенчаниот крал Стефан, кој живеел во Ерусалим подолго време, се нарекува „сличен на Мојсеја во кроткоста (*Србник*)"; Никодим, кој се подвизувал во Св. Гора и бил игумен Хилендарски, потоа архиепископ на „целата српска и поморавска земја"; Јоаникиј, прво архиепископ, а од 1346 година патријарх, преминал во 1349 год.; Ефрем, подвижник, избран не по своја волја за патријарх во времето на кнезот Лазар во 1376 година, кој го крунисал Лазара, по-

тоа се откажал од престолот патријаршиски и се повлекол во самотија; Спиридон, наследник на Ефрема, завршил во 1388 година; Макариј, кој обновил многу стари задужбини, печател црквени книги во Скадар, Венеција, Белград и на други места, ја подигнал прочуената трпезарија при пеќскиот манастир и многу направил околу унапредувањето на Црквата со помошта од својот брат, великиот везир Мехмед Соколовиќ, кој се упокоил во 1574 година; Гаврил, по род благородник од местото Раиќ, учествувал на Московскиот собор при патријархот Никон, поради што од Турците бил измачуван за големо предавство и бил обесен во 1656 година. Покрај овие, уште се споменуваат: Евстатиј, Јаков, Данил, Сава, Григориј, Јован, Максим и Никон. Многумина од нив се подвизувале во Св. Гора, но сите биле „слуги добри и верни, добри работници во лозјето Господово".

2. Св. Александар, Јован и Павле патријарси Цариградски. Александар учествувал на Првиот вселенски собор во Никеја наместо престарениот патријарх Митрофан; потоа го наследил Митрофана. Кога некои филозофи сакале да се расправаат со него за верата, тој на еден од нив му рекол: „Во Името на мојот Господ Исуса Христа ти заповедам да замолкнеш!" И онемел филозофот во истиот час. Со својата молитва и на Ариј му го скратил животот. Завршил во 98. година од животот, во 340 година. Св. Јован Посник управувал со црквата во времето на лошиот цар Анастасиј, еретикот–акефалит. Се упокоил во 595 година. Св. Павле IV управувал со црквата 5 години и 8 месеци и се одрекол од престолот примајќи тајно схима, за да го покае својот грев што прво бил со иконоборците. Бил претходник на великиот Терасиј, и се упокоил во времето на Ирина и Константин во 784 година.

3. Преп. Христофор. Подвижник од VI век во обителта на св. Теодосиј. Во визија видел дека кандилата на монасите трудбеници горат, а кандилата на мрзливците не горат.

4. Св. Евлалиј еп. на Кесарија Кападокиска. Еден од претходниците на св. Василиј Велики. Својот син го лишил од чинот за носење костум, неприличен за духовниот завет.

РАСУДУВАЊЕ

Со шум и со бесчестие погинале бучните еретици. И самата нивна смрт го покажува Божјиот гнев кон нив заради лагите што ги распространувале и досадите што ѝ ги правеле на Божјата Црква. Ариј, откако бил осуден во Никеја, еден ден дошол кај царот Константин и го молел пак да биде примен во Црквата. Царот го прашал дали верува во Никејскиот Символ на верата, а тој, лукав, во пазувите чувал хартија со своето еретичко зловерие и удирајќи се со раката по градите, му велел на царот: „Така верувам“. Царот помислил дека Ариј се покајал и го испратил кај патријархот Александар да го прими во Црквата. Александар никако не сакал да го прими Арија, знаејќи дека тој лаже. Но царот одредил еден неделен ден кога требало Ариј да се воведе во Црквата. Во предвечерието на тој ден светиот патријарх се молел на Бога да му ја земе душата пред богохулниот еретик да се воведе во Црквата. Кога определената недела се разденила, патријархот бил на служба во црквата, а Ариј со царските луѓе и со своите едномисленици се упатил кон храмот. Кога стасале на Константиновиот плоштад, одеднаш го стасала некоја голема мака и во духот и во телото и тој побарал некое место за телесна нужда. Овде, на плоштадот, имало едно такво место и тој се упатил таму. Неговата придружба долго го чекала и станала нестрплива од чекање. Кога некои отишле да видат што е со Ариј, го пронашле мртов во смрдливо место, со целата утроба растурена надвор, во нечистотија и во крв.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за победата на Давид над Филистејците (II Цар. 5), и тоа:

1. како Филистејците напаѓале на Давидовата земја, а Давид се помолил на Бога и отишол та ги испотепал Филистејците;

2. како Филистејците повторно нападнале, а Давид повторно се помолил на Бога и ги разбил Филистејците.

БЕСЕДА
за Христовиот таинствен род

Но родот Негов кој
ќе го објасни? (Иса. 53:8).

Како скриен извор на голема река бил скриен од Евреите родот на чудесниот Господ Исус. Тие читале и знаеле дека Месијата ќе се роди во Витлеем, но тие не Го познале. Сите тие знаеле дека Месијата ќе дојде од коленото на Давида и тој се родил од коленото на Давида по Својата пресвета Мајка, но тие не Го познале и не Го признале. Читале дека Он ќе се роди од девојка, дека ќе избега во Египет и дека ќе биде повикан од Египет, дека пред Него ќе се појави Неговиот Претеча, викајќи во пустината, дека како голема светлина ќе засвети во темнината и во смртната сенка во Завулоновата и во Нефталимовата земја, и сето останато што го прорекле пророците и што го напишале како знак за Неговото доаѓање. Па сепак, не Го познале и не Го признале, туку Царот на славата го распнале како злосторник.

Да бил Он обичен човек, зар пророкот би се прашувал за Неговиот род? Чиј род и чие потекло во историјата на израилскиот народ не се познати? А Неговиот род е скриен како Мелхиседековиот. Бил скриен за Евреите и засекогаш бил скриен за неверниците, но за нас верниците тој повеќе не е скриен. Ние знаеме дека е Он *Светлина од светлината. Бог вистински, од Бога вистински, роден несоздаден.* Тоа е Он во вечноста. Знаеме дека Он се овоплотил од Светиот Дух и од Марија Дева и се јавил на светот како човек, како Богочовек. Тоа е Он во времето. Значи, Неговиот род е и на небото и на земјата, и во вечноста и во времето, чуден, таинствен, славен и величествен. И кога сè ќе искажеме што ни е откриено за Него, сепак не можеме да прашаме: *Родот Негов кој ќе го објасни*? Не затоа што е непознат Неговиот род, туку затоа што е неопфатен, недомислив, натсетивен, натприроден.

О Господи Исусе Христе, Боже наш, просвети нè со Твојот Божествен разум и подигни нè кон Себе со Твојата човекољубива сила. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

31 АВГУСТ

1. Полагање на појасот на св. Богородица. По своето успение, св. Богородица му го дала својот појас на апостол Тома. Тој појас подоцна е пренесен во Цариград и е чуван во запечатен ковчег во Богородичната црква „Влахерна", задужбина на царицата Пулхерија. И никогаш не бил отворан овој ковчег сѐ до времето на царот Лав Мудриот (886–912). Сопругата на Лав, царицата Зоа, душевно се разболела и според некое таинствено видение посакала на неа да се стави појасот на св. Богородица. Царот го измолил патријархот, ковчегот се отворил, појасот се изнесол и бил ставен на болната царица. Царицата веднаш оздравела. Во спомен на тоа чудо се востановил овој празник. Еден дел од тој појас се наоѓа во Грузија во Зигдид. Имено: ќерката на царот Роман се исцелила од тој појас, па подоцна, кога татко ѝ ја омажил за царот Абхаз Грузиски, таа понесла еден дел од тој појас со себе. По заповедта од рускиот цар Александар, била изградена посебна црква во Мингрелија во Зигдад каде што се чува тој дел од чудотворната облека на св. Богомајка.

2. Св. Генадиј патријарх Цариградски. За патријарх дошол после св. Анатолиј. Современик на св. Маркијан (10 јануари) и св. Даниил Столпник (11 декември). Во негово време бил основан славниот манастир Студитски, викан така по сенаторот римски Студиј, кој дошол во Цариград и со благослов на Генадиј му подигнал црква на св. Јован Претеча и до неа изградил и манастир. Бил многу кроток и воздржлив. Никого не сакал да запопи, ако не го знаел целиот *Псалтир.* Претседателствувал на Помесниот собор во Цариград, на кој е анатемисана симонијата. Правел чуда и во визија го дознал својот крај. Управувал со црквата 13 години и Му се претставил на Господа мирно во 471 година.

3. Свешт-мч. Кипријан. Се родил од неверни родители и самиот бил воспитан во многубоштво. Постанал многу познат во Картагина како учител по философија и реторика. Бил оженет, но кога постанал христијанин, престанал да живее со жената и се предал на деноноќен труд околу проучување на ***Светото писмо*** и усовршување на својот карактер. Поради неговите необични добродетели, бил избран за презвитер, а набрзо и за епископ. Колку бил милосрден кон христијаните толку бил тврд кон еретиците. Раководен од Светиот Дух, напишал многу поучни дела. Особено

силно пишувал против идолопоклонството, јудаизмот и ереста на Новациј. Многу убав и прекрасен му е написот за девството, како и за маченииштвото и за милостината, за трпението, за молитвата Господова итн. Пострадал за време на Валеријан и Галиен во 258 година. Пред смртта, се помолил на Бога, го благословил народот и оставил 25 златници да му се дадат на џелатот кој ќе треба го убие. Недостижна величина и големодушност на вистински христијанин!

4. Св. Јован митрополит Киевски. Бугарин по род. Дошол во Киев во 1080 година и веднаш стекнал толкаво почитување што наскоро бил подигнат на престолот митрополитски. Управувал со црквата 8 години. Му пишувал на папата Климент послание во кое го разобличува поради новините што римската црква ги вовела. Се упокоил мирно во 1089 година.

РАСУДУВАЊЕ

Христијанинот не верува во касмет, во судбина и во кобење. Ако Бог ги определува главните линии на нашиот живот, Он според нашата молитва и заслуга може да ги промени. Така, на царот Језекиј му го продолжил животот за 15 години (Иса. 38); на преподобниот Диј (19 јули) исто така му го продолжил животот за 15 години. На Василиј Велики Бог му го продолжил животот, според молитвата на светителот, за еден ден додека да го крсти Евреинот Јосиф, својот лекар. Но, како што според молитвата Бог може да го продолжи животот, така, според гревот, може и да го скрати. Царот Анастасиј се придржувал кон Севировата ерес, таканаречена анакефалитска (безглава) што ширела лага дека на Црквата не ѝ требаат епископи и свештеници, туку дека секој на себе си е епископ и свештеник, и дека секој има право на свој начин да го толкува ***Светото писмо*** и да ги учи другите како тој знае и како верува. Залудно патријархот св. Јован го советувал царот да се врати кон православната вистина, но царот не само што не ги усвоил советите, туку го клеветел патријархот, барајќи начин да го протера. Една ноќ царот видел во сон некој страшен маж на возвишен престол кој држел книга во раката. Тој маж ја отворил книгата, го нашол името на царот Анастасиј и рекол: „Јас сакав да дозволам уште долго да поживееш, но заради кривоверството твое еве ти бришам 14 години од твојот живот“. И нешто из-

бришал од книгата. Исплашен царот, скокнал од сонот и својот сон му го раскажал на своите истомисленици. По неколку денови, удрил гром во царевиот двор и го убил царот Анастасиј.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Давидовото веселие во Господа (II Цар. 6), и тоа:

1. како Давид го пренесол ковчегот на заветот од Вала Јудина во Ерусалим и како од веселие играл пред ковчегот;
2. како Михала, неговата жена, му се потсмевала на Давида заради играњето пред ковчегот не срамејќи се од жените;
3. како Бог ја казнил Михала заради неумесното потсмевање, та Михала немала пород сè до смртта.

БЕСЕДА
за силата и мисијата Христова, како што прорекол Исаија

Духот на Господа Бога е врз Мене зашто Господ Ме помаза за да им благовествувам на бедните, Ме испрати да лекувам скрушените по срце, да им проповедам на заробените и на затворениците – отворање на темницата, да ја проповедам благопријатната Господова година и денот за одмазда (Иса. 61:1–2).

Ова големо програмирано пророштво го прочитал Господ Исус на самиот почеток од Својата спасителна дејност во Назарет пред Евреите и кога го прочитал, рекол: *Денес се исполни ова Писмо, што го чувте* (Лк. 16–21). Едно од најтемните пророштва за книжниците и на еврејските свештеници Он прочитал, ја затворил книгата и рекол: „Денес се исполни ова Писмо“. Во тоа пророштво никој од Евреите не смеел да се допре, бидејќи никој не знаел на кого

тоа се однесува. Седум столетија поминале откако било изречено и напишано ова пророштво и никој не знаел на кого тоа се однесува. А кога дошол Оној на Кого тоа пророштво се однесувало, Он го прочитал и го применил на Себе. Така нашиот велик Господ го оправдал Својот пророк и се претставил Себе си на светот.

Духот на Господа е врз Мене. Зошто Он тоа го говори кога е рамен на Духот, како и на Отецот? Заради сведоштво на луѓето, како што толкува св. Златоуст. Не вели благодатта на Духот, туку Духот, бидејќи благодатта на Духот е на верните луѓе, а на Него е самиот Дух, како што и се покажало на реката Јордан. Духот е сведок на Синот и ниеден момент Синот не бил без Духот. Господ Исус честопати Го споменува Отецот и Светиот Дух еднаш од бескрајна љубов кон Отецот и Духот, а љубовта секогаш своето го припишува на другите, и вторпат, заради поука на гордите луѓе да не се истакнуваат себе си, туку да им оддаваат чест на другите, рамните на себе.

Сè останато што е речено во ова чудно пророштво го исполнил Господ со Своето чудно делување до крај. Он, главно, дошол да ја објави Божјата милост кон луѓето, но во исто време и Страшниот Суд за оние кои ја презираат и ја отфрлаат таа милост.

Тоа е видението на Исија, синот на Амоса, Божјиот пророк, вистинскиот пророк.

Браќа, да му се поклониме на Исаија, чија боговдахновена уста Го прорекла Спасителот и нашето спасение и да не престанеме да му се поклонуваме на нашиот чуден Спасител, Господ Исус Христос.

На Тебе Ти се поклонуваме Господи и Спасителу наш, и на Тебе Ти благодариме за премудрото устројство на нашето спасение. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

1 СЕПТЕМВРИ

1. Почеток на Црковната нова година (или: почеток на индиктот). Првиот Вселенски собор определил црковната ѓодина да почнува на 1 септември. Месецот септември кај Евреите бил почеток на новата граѓанска година (II Мој. 23:16), месецот на збирањето плодови и принесувањето жртви на благодарност на Бога. Во времето на ова празнување Господ Исус влегол во синагогата во Назарет, ја отворил книгата на пророкот Исаија и ги прочитал зборовите: *Духоӣ на Госӣода Боѓа е врз Мене зашӣо Госӣод Ме ӣомажа за да им блаѓовесӣувам на беднийе, Ме исӣраӣи да лекувам сокрушени ӣо срце, да им ӣроӣоведам на заробенийе и на заӣворенициӣе – оӣворање на ӣемницаӣа, да ја ӣроӣоведам блаѓоӣријаӣнаӣа Госӣодова ѓодина и деноӣ за одмазда на нашиоӣ Боѓ; да ѓи уӣешам сиӣе оние шӣо ӣаѓуваат* (Иса. 61:1–2). Месецот септември уште е познат во историјата на христијанството и по тоа што во него царот Константин Велики забележал победа над Максенциј, непријателот на верата Христова, а на таа победа ѝ следувала слободата на христијанската вероисповед во целата римска царштина. Долго време и граѓанската година во христијанскиот свет е сметана како и црковната, од 1 септември, па таа се пренесла на 1 јануари прво во Западна Европа, а потоа и во Русија во времето на Петар Велики.

2. Преп. Симеон Столпник. Родум Сириец, од родители селани. Во 18. година одбегнал од родителите и се замонашил. Себеси се предавал на најтешки подвизи, постејќи понекогаш и до 40 дена. Потоа се предал на посебен подвиг, дотогаш непознат, имено: деноноќно да стои на столб во непрестајна молитва. Неговиот столб прво бил висок 6 лакти, после му подигнале еден од 12, па од 22, па од 36 и најпосле од 40 лакти висина. Неговата мајка Марта двапати доаѓала да го види но тој не сакал да ја прими, туку од столбот ѝ рекол: „Не вознемирувај ме сега, мајко моја, ако се удостоиме, ќе се видиме на оној свет“. Св. Симеон претрпел безбројни беди од демоните, но тој сите ги победил со молитвата кон Бога. И светителот направил големи и многубројни чуда, исцелувајќи со збор и со молитва многу болни. Околу неговиот столб доаѓал народ од сите страни, богати и

бедни, цареви и робови. И тој на сите им помагал: на некого повратувајќи му го телесното здравје, на некого пружувајќи му утеха и поука, а некого разобличувајќи го заради еретичкото верување. Така, царицата Евдокија ја одвратил од ересата на Евтихиј и ја повратил во православието. Се подвизувал во времето на царот Теодосиј Помладиот, Маркијан и Лав Велики. Овој прв столпник во христијанството и голем свет чудотворец Симеон поживеал 103 години и се упокоил во Господа на 1 септември 459 година. Неговите мошти се пренесени во Антиохија, во црквата со неговото име.

3. Св. Исус Навин. Водач на народот еврејски по смртта Мојсеева. Единствено тој и Халев влегле во Ветената Земја од неколку стотици илјади Евреи, кои излегле од Египет. (Читај за неговата верност на Бога, за неговите дела и чуда во книгата на Исус Навин). Поживеал 110 години и завршил околу 1440 година пред Христовото рождество.

РАСУДУВАЊЕ

Сè што е потребно за изградување на нашата душа во овој свет треба да го искористиме. Кога смртта ќе нè раздели од овој свет, ние ништо не носиме на оној свет, освен нашата душа онаква каква што сме ја изградиле овде. Св. Симеон Столпник како осумнаесетгодишно момче во грижата за спасение на својата душа еден ден паднал ничкум на земја и воздигнал молитва кон Бога, Бог да му го покаже патот кон спасението. И, престојувајќи така долго на молитва, имал вакво видение: како тој копа ров за темел на нешто, па изморен од копањето застанал да се одмори. Тогаш слушнал глас: „Копај подлабоко!" Со голем труд тогаш тој почнал да копа уште подлабоко, па пак изморен застанал да се одмори. Повторно слушнал глас: „Копај подлабоко!" И тој пак почнал да копа со уште поголем труд и со поголем напор. Тогаш го слушнал гласот: „Престани, доволно е; сега што сакаш да ѕидаш, ѕидај го; без труд ништо не можеш да постигнеш". Оние кои малку се трудат и на чувствената плиткост го ѕидаат животот на својата душа, ѕидаат градба на песок што не може да се одржи во овој минлив свет, а уште помалку во оној неминливиот.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за беззаконието на Давида (II Цар. 11), и тоа:

1. како Давид извршил прељуба со Витсавеја, жената на Урие, кога Урие бил во војна;
2. како Давид го наместил загинувањето на Урие;
3. како Бог се разгневил на Давида.

БЕСЕДА
за Словото – Синот Божји

Во почетокот беше Словото (Јн. 1:1).

Слово или Реч словесна, смислена, беше во почетокот. Ова се однесува на божествената природа на нашиот Господ Исус Христос. Во почетокот – дали со тоа се мисли на некој почеток на Словото Божјо? Или на некоја привремена дата на раѓањето на Синот Божји од Бога Отецот? Никако. Зашто раѓањето на Синот Божји не може да има ниту дата, ниту почеток, бидејќи времето е услов само за оној, минливиот свет и бидејќи тоа не го допира вечниот Бог, ниту со себе условува било што кај Бога. Може ли да се оддели светлината од Сонцето, а Сонцето да остане Сонце? Може ли умот да се оддели од човекот и човекот пак да остане човек? Може ли сладоста да се оддели од медот и медот да остане мед? Не може. Уште помалку може да се замисли Бог одделен од Своето Слово, од Речта словесна, од Својата Смисла, од Својата Мудрост – Отецот вечен, одделен од Својот совечен Син.

Браќа, овде не станува збор за почнување на Синот Божји од Бога Отецот, туку е збор за почеток на почетокот на историјата на создавањето на светот и човечкото спасение. Тој почеток е во Словото Божјо, во Синот Божји. Он го започнал и создавањето на светот и спасението на светот. Кој и да сака да говори било за создавањето на видливиот и на невидливиот свет, било за спасението на човечкиот род, тој мора да почне со Почетокот. А тој почеток е Словото Божјо, Мудроста Божја, Синот Божји. Како кога некој би раскажувал некој случај со некаков брод на езерото, па би започнал вака: во почетокот беше езеро, па во него доплови еден брод... Никој од разумните луѓе нема да ги сфати

зборовите: во почетокот беше езеро, како езерото да постанало истиот ден кога се случил случајот со бродот. Никој од разумните не треба така да ги разбере зборовите на евангелистот: *Во почетокот беше Словото* како на почетокот на случајот кога бил создаван светот Словото Божјо да произлегло од Бога. Како што езерото постоело илјади години пред случајот со лаѓата во него, така и Словото Божјо постоело цела вечност пред почетокот на создавањето на светот.

О Сине Божји, совечен на Отецот и на Духот, просвети нѐ и спаси нѐ. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

2 СЕПТЕМВРИ

1. Св. мч. Мамант. Родум од Пафлагонија, од познати христијански родители Теодот и Руфина. Неговите родители биле фрлени во затвор за Христовото име. Во затворот прво му умрел таткото; а мајка му откако го родила него и самата го завршила животот на земјата. Така новороденият младенец останал во темницата помеѓу мртвите тела на своите родители. Но Бог, Промислителот ѝ испратил Свој ангел на некоја благородна вдовица Ама, на која на сон ѝ се јавил и ѝ рекол да оди во затворот и да го земе детето кај себе. Таа измолила од градоначалникот дозвола да ги погребе умрените, а детето да го земе во својата куќа. Дури кога детето наполнило 5 години почнало да зборува, а прв збор му бил: „мама!“ поради што и го добил името Мамант. Во училиштето Мамант покажал необична бистрина, а бидејќи од дома бил воспитан во христијански дух, тој не ја криел својата вера, туку ја исповедал пред своите врсници, исмејувајќи ги идолите. Во времето на царот Аврелијан имало жестоко гонење на христијаните. Безбожниците не ги штеделе ни христијанските деца. Мамант имал 15 години кога бил изведен пред царот. Царот му рекол барем со устата да се одрече од Христа, на што Мамант му одговорил: „Ни со срцето ни со устата нема да се одречам од Бога и Царот мој Исуса Христа“. Царот наредил да го тепаат, со свеќи го гореле и на крајот го фрлиле во морето. Но ангел Божји го спасил и го одвел на висока гора, близу до Кесарија. Тука тој живеел во самотија и во молитва. Од неговата светост дивите ѕверови се питомеле. Најпосле и тука бил пронајден од гонители-

те и повторно бил ставен на маки. Победувајќи ја и силата на огнот и на дивите ѕверови, Мамант бил прободен со трозабец од некој идолски жрец. И така ја предал својата света душа на Бога, на Кого Му останал верен во сите маки. Од неговите мошти се случиле многу исцеленија на болните.

2. Св. Јован Посник патријарх Цариградски. Се празнува и на 30 август. Прво бил златар, па по Божјата промисла, а поради својата голема добродетел, бил посветен за свештеник. Како момче еднаш св. Јован одел со некој стар монах, Евсевиј, од Палестина. Одеднаш му дошол глас на Евсевија од некој невидлив: „Аво, не оди од десната страна на великиот Јован!“ Тоа гласот Божји ја навестувал големата служба на која Јован наскоро ќе биде повикан. По блажениот Евтихиј, Јован бил избран за патријарх Цариградски. Никако не сакал да се нафати, но бил застрашен од некое небесно видение, та се нафатил. До својата смрт бил голем испосник, молитвеник и чудотворец. Се упокоил во 595 година. По смртта, кај него било најдено како единствена своина: една дрвена лажица, една ленена кошула и едно старо палто. Познати му се списите *за покајанието и за исповедувањето.*

3. Св. Елеазар. Син Аронов и втор по ред првосвештеник израилски. Помошник на Мојсеја при пребројувањето на народот израилски и помошник на Исуса Навина при поделбата на Ветената Земја на 12 колена. Верно го чувал ковчегот на заветот во Силом и завршил мирно.

4. Празнување на чудото на иконата на Св. Богородица „Калужска“.

РАСУДУВАЊЕ

Православната црква од искуство знае безброј примери каде што Семоќниот Бог ја пројавува Својата моќ преку малите и мртви работи, посебно преку оние кои служат како знаци на овоплотувањето, животот и страдањата на нашиот Господ Исус Христос, како што се: крстот, иконите на Богородица и на светителите, осветената вода, елејот, мирото и др. Така се случило чудото со иконата на св. Богомајка, во 1748 година, во домот на бојарот Хитров, во близина на градот Калуга, во Русија. Две слугинки на бојарот претресувајќи ги еден ден старините на таванот, нашле едно свиткано платно на кое бил насликан прекрасен женски лик. Све-

тост и побожност изразувал тој лик. Едната од тие слугинки била скромна и сериозна, а другата била суетна и брблива. Првата, гледајќи го ликот на платното, го нарекла „игуменија“. Евдокија, така се викала другата, суетна и брблива, не го признала тоа, туку ѝ се потсмевала на својата другарка и за да им даде поголема сила на своите навредливи зборови, таа плукнала врз сликата. Во тој момент, Евдокија паднала на земјата, се собрала со целото тело, ослепела и онемела и почнала да фрла пена од устата. Таа ноќ Богородица им се јавила на родителите на таа несреќна девојка, им раскажала што се случило со нивната ќерка и уште им рекла да повикаат свештеник тој да се помоли пред најдениот лик и да ја попрска девојката со светена водичка, па ќе оздрави. Кога тоа било направено, Евдокија оздравела и од тој час го променила своето однесување и постанала сериозна. Така се дознало дека чудотворниот лик е на св. Богородица. Иконата била пренесена во една црква во Калуга каде што и денес се наоѓа и чудодејствува.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Божјата казна над Давида за прељубата и за убиството (II Цар. 12), и тоа:

1. како Бог преку пророкот Натан му рекол на Давида дека заради земената туѓа жена, неговите жени ќе бидат земени за други луѓе;

2. како ќе му умре синот;

3. како мечот нема да се отргне од неговата куќа. Сето тоа и се случило.

БЕСЕДА
за Словото Божјо – Создателот на светот

Тоа во почетокот беше во Бога. Сѐ стана преку Него (Јн. 1:2–4).

За чудното Слово Божјо, браќа, говори евангелистот, за Речта словесна, смислена, за вечната Божја Мудрост, за совечниот Син Божји. Тоа чудно Слово Божјо беше еднобитно со Отецот и Светиот Дух, а ипостасно различно и од

Отецот и од Духот, бидејќи се раѓаше од Отецот нероден. Беше, е и ќе биде. Кога Тоа беше во Бога? *Во почетокот*, вели евангелистот. Што значат зборовите: *во почетокот*? Значат исто што и прво или најнапред. Најнапред значи, *Словото Божјо беше во Бога*, секогаш еднобитно со Отецот и ипостасно како Синот, но уште не и оvоплотено. Потоа Словото Божјо се оvоплотило и во тело се јавило на човечкиот род. Додека беше неовоплотено Словото во Бога, сè преку Него постанало. Небото и земјата и сиот небесен свет и сиот земен свет – сè преку Него постанало, преку тоа Слово Божјо додека Тоа беше неовоплотено во Бога. Без Словото Божјо ништо не постанало што постанало. Тоа беше живот и светлина, и светлината ја осветлуваше темнината и темнината не го опфати. Пред сè, гревот и смртта ја претставуваат темнината. Таа темнина не Го опфатила Синот Божји. Но и сиот создаден свет е темнина според Бога, а во таа темнина свети Словото Божјо, Мудроста Божја, словесна, говорна и величествена. Секое создание би било темнина, ако од него не свети таинствената светлина на Синот Божји, преку Кого сè постанало што постанало.

Тоа беше во почетокот во Бога. А потоа што станало со Него? И Словото постанало тело. До овде е историјата на создавањето на светот, оттука е историјата на создавањето на човечкиот род. Но кога постанало тело Словото Божјо, не се оддалечило од Бога Отецот и Светиот Дух затоа што е Троица која е божествена и неразделна, туку само се загрнало со тело и душа човечка, та во ладот на телото да може да им се приближи на луѓето – сонцето над сонцата и да ги спаси луѓето.

О браќа мои, колку е умилна и неискажливо чудна тајната на Божјото оvоплотување. Ако таа тајна ја приближиме кон срцето, полесно ќе ѝ се приближиме со умот.

О Господи Спасителу благ, слово на Отецот и радост на Светиот Дух, помилуј нè и спаси нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

3 СЕПТЕМВРИ

1. Свешт-мч. Антим. Роден е во Никомидија и од детството воспитан како вистински христијанин. „Телото негово било умртвено, духот смирен, зависта искоренета,

гневот скротен, мрзливоста изгонета;... имал љубов кон сите, мир со сите; благоразумност меѓу луѓето, ревност кон славата Божја, позната на сите“. Не е чудо што човекот со такви добродетели беше поставен за епископ. Св. Антим епископствувал во Никомидија во времето на страшното гонење на христијаните под опаките цареви Диоклецијан и Максимијан. Особено во Никомидија се пролевала христијанската крв со потоци. Една година, за празникот Рождество Христово, биле изгорени во еден храм 20 000 маченици (види, 28 декември). Тоа се случило во времето на Антимовото архијерејство. Но гонењето со тоа не се завршило туку се продолжило и многумина христијани биле фрлени во темница и тука чувани за маки и смрт. Св. Антим се оддалечил во едно село, Оман, не за да избега од смртта, туку да би можел оттаму да ја охрабрува својата паства во подвигот на маченииштвото за никој од страв да не отпадне. Едно негово писмо до христијаните во темницата било фатено и предадено на царот Максимијан. Царот испратил 20 војници да го најдат и да го доведат Антима. Побелениот и видовит старец им излегол во пресрет на војниците, ги вовел во домот и ги нагостил, па дури тогаш кажал дека тој е Антим кого тие го бараат. Воодушевените војници поради добрината на Антима, му предлагале да се скрие, а тие ќе му речат на царот дека не можеле да го најдат. Но Антим одговорил дека тој не смее да си дозволи со лага да се прекршува Божјата заповед и неговиот живот да го спасува, туку пошол со војниците. По пат сите војници повервале во Христа и биле крстени од Антим. Изведен пред царот, Антим бил долго и тешко мачен и најпосле со секира бил исечен. Го прославил Господа и се упокоил во Господа во почетокот на IV век.

2. Св. мч-чка Василиса. Деветгодишно девојче. Пострадала во Никомидија не долго после смртта на св. Антим. Целото тело мачениците ѝ го покриле со рани, но таа Му останала верна на Христа. Бог ја зачувал во огнот и пред ѕверовите, неповредена, видувајќи го тоа, нејзиниот мачител, Александар, се покајал и ја примил верата Христова. Василиса излегла во полето, паднала на колена, на Бога Му се молела и Му благодарила за претрпените маки и така го предала својот дух на Бога, околу 309 година.

3. Св. Јоаникиј архиепископ и прв патријарх српски. Родум од Призрен, служел прво како секретар при кралот Душан. Архиепископ постанал во 1339 година, а во

1346 година бил воздигнат во позив патријарх. Ревносен архипастир и уредник на српската црква, „на законите црковни големо утврдување“. Се упокоил на 3 септември 1349 година. Моштите му се во Пеќ.

4. Преп. Теоктист. Соиспосник и соподвижник на св. Ефтимиј Велики. Теоктист бил игумен на лаврата на св. Ефтимиј која е 6 милји оддалечена од Ерусалим, одејќи кон Ерихон. Тој во сè му бил ученик на св. Ефтимиј и под негово духовно раководство управувал со манастирот до својата 90. година. Му угодил на Бога со својот живот свој и се упокоил во половината на V век, а во времето на ерусалимскиот патријарх Анастасиј.

РАСУДУВАЊЕ

Оној кој сака да се спаси, неминовно мора да биде послушен на духовното началство. Без таа послушност, човекот може, и покрај најдобрата желба за спасение, да отиде во пропаст. Големите светители, кои ја пропишале послушноста како услов за спасение, ја исполниле послушноста до совршенство. Кога св. Симеон го избрал својот подвиг на столбот, тоа како новина ги изненадило сите подвижници. Па, не знаејќи дали овој начин на подвиг е од Божјиот Дух или е од духот на горделивоста, пустинските отци и духовници испратиле луѓе да се уверат во тоа. Испраќајќи ги, им рекле да му пренесат на Симеона во нивно име тој да слезе од столбот. Ако тој не сака да слезе, тоа ќе значи дека неговото искачување на столбот е од духот на горделивоста, ако пак ја послуша заповедта и посака да се слезе, тогаш да го остават каде што е, бидејќи со спремноста да послуша ќе покаже дека неговиот подвиг е од Светиот Дух. Кога испратените дошле и му рекле на св. Симеон дека соборот на светите отци му заповедал да се слезе од столбот, Симеон веднаш почнал да се спушта низ скалата. Кога го виделе тоа испратените, израдувани, му довикнале: „Не слегувај, свети оче, туку остани каде што си; сега гледаме дека твојот подвиг е од Бога“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Божјата казна над Давида за греповите (II Цар. 13), и тоа:

1. како Амнон, синот Давидов, ја посрамил ќерката Давидова Тамара;

2. како Авесалом, синот Давидов, заради тоа го убил Амнон, својот брат;

3. како Давид горко плачел.

БЕСЕДА
за Словото Божјо јавено во тело

И Словото стана тело (Јн. 1:14).

Браќа, еве еден нов почеток, поблагословен и поспасоносен за нас. Тоа е почетокот на нашето спасение. Адам бил во тело кога паднал под власта на гревот и на смртта. Сега Создателот на Адама се јавува во тело за да го избави Адама и потомството Адамово од власта на гревот и на смртта. Синот Божји, Словото, Мудроста, Светлината, Животот – слезе помеѓу луѓето, во човечко тело и со човечка душа, се овоплотил не делејќи се од Своето Божество; слезе не одделувајќи се од Својот Отец. Задржувајќи сѐ она што имал од вечноста и бил во вечноста, Он само примил нешто ново, имено: човечката природа. Неговите вечни својства со овоплотувањето не се смалиле, ниту Неговиот однос кон Отецот и Духот се променил. Гледај, Отецот и на Јордан и на Тавор сведочи: *Ова е Мојот возљубен Син*! Не вели: *Ова беше Мојот Син*, туку: *Ова е Мојот Син*. А Светиот Дух бил со Него при Неговото телесно зачнување и во сите денови до крајот на Неговата служба на земјата. Божествената и човечката природа во Него беа соединети, но не беа помешани. Како? За тоа не прашувај ти, кој не умееш да си се објасниш ни самиот на себе и не знаеш да кажеш: како душата и телото во тебе се соединети. Само знај дека Бог дошол на земјата во походи и на луѓето им донесол неискажани дарови, царски дарови, негнилежни, неминливи, непроценливи, незаменливи. Знај го тоа и твоето срце нека игра од радост. Труди се да ги измиеш рацете, да ги очистиш сите чувства, да ја измиеш душата, да го обелиш срцето, да го

исправиш умот за да ги прифатиш царските дарови. Бидејќи на нечистиот тие не се даваат.

О Господи Исусе Христе, помогни ни да се очистиме и да се измиеме со Твојата крв и со Твојот Дух за да се удостоиме за Твоите царски дарови. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

4 СЕПТЕМВРИ

1. Свешт-мч. Вавил. Овој „голем и прекрасен човек, ако е можно да го наречеме човек", како што св. Златоуст за него се изразува, бил архијереј во Антиохија во времето на нечестивиот цар Нумеријан. Нумеријан склопил мир со некој варварски цар кој бил многу поблагороден и помирољубив од него. Во знак на својата искрена желба за траен мир, варварскиот цар го дал својот мал син да биде на дворот Нумеријанов и таму да се воспитува. Еден ден Нумеријан со своја рака го заклал тоа невино дете и го принесол како жртва на идолите. Уште топол од злоделото и од невинатa крв, овој злотвор под круна, пошол во христијански храм да види што се работи таму. Вавил бил со народот на молитва, па чул дека доаѓа царот со придружбата своја и сака да влезе во храмот. Вавил ја прекинал богослужбата, излегол пред црквата и му рекол на царот дека тој како идолопоклоник не може да влезе во светиот храм каде што се прославува единствениот вистински Бог. Кога беседел за Вавила, Златоуст рекол: „Од кого друг на светот би се уплашил оној кој со таква власт се однесувал кон царот?... Тој со тоа ги научил царевите да не ја распростираат својата власт подалеку отколку што им е од Бога дадена мерата; им покажал и на свештените лица како треба да се користат со својата власт". Посрамен, царот се вратил, но смислил одмазда. Утредента царот го повикал Вавила и почнал да го укорува и да го нуди да им принесе жртва на идолите, што светителот, природно и непоколебливо, го одбил. Тогаш царот го оковал во окови и го фрлил во темница. Исто така царот измачувал и три деца, Урван од 12, Прилидијан од 9, и Еполиниј од 7 години. На овие деца Вавил им бил духовен отец и учител, и тие не се оддвојувале од него од љубов кон него. Тие биле синови на некоја честита христијанка Христодула, која и самата за Христа страдала. Царот прво наредил, та на

секое дете му удриле онолку стапови колку што имало години, а потоа ги фрлил в темница и најпосле ги исекол со меч сите тројца. Вавил окован присуствувал на обезглавувањето на децата и ги храбрел, а потоа и самиот ја положил својата чесна глава под мечот. Бил погребан од христијаните во веригите, како што замолил пред смртта, во една гробница со трите прекрасни чеда. Нивните свети души одлетале во небесните населби, а нивните чудотворни мошти им останале на верните на корист како секојдневно сведоштво за нивната машкост во верата. Пострадале околу 250 година.

2. Св. пророк Мојсеј Боговидец. Голем водач и законодавец на народот израилски. Роден е во Египет околу 1550 години пред Христа. Четириесет години живеел во Египет на дворот Фараонов; а последните четириесет години живеел како пастир во созерцание на Бога и на светот, а четириесет последни години го водел народот низ пустината во Ветената Земја, која ја видел, но во неа не влегол затоа што во едно Му згрешил на Бога (IV Мој. 20:12). Се упокоил во 120. година од својот живот. Како чудотворец бил праобраз на Христа, според зборовите на св. Василиј Велики. Се јавил од оној свет на гората Тавор при преображението на Господа. А по сведоштвото на св. Јован Лествичник, им се јавувал и на монасите во синајскиот манастир.

3. Св. мч-ци Маркел и Касиан. Царот Максимијан Херкул наредил сите војници да мораат да им принесуваат жртви на идолите. Маркел бил војник во тоа време, а Касиан нотар (писар). Тогаш Маркел како христијанин рекол: „Ако војничкиот повик е врзан за принесувањето жртви на идолите, јас не можам да бидам војник“. И го симнал војничкиот појас и оружјето и ги фрлил од себе. Веднаш бил осуден на смрт. Касиан требало да му ја напише смртната пресуда на Маркел, но тој се одрекол да пишува. Заедно биле погубени и душите им се преселиле во Царството небесно.

РАСУДУВАЊЕ

Силата на светителите по смртта е многу поголема отколку за животот. „Затоа и Бог ни оставил мошти на светителите“, вели св. Јован Златоуст во својата ненадминлива беседа за св. Вавил. Св. Вавил бил погребен во градот Антиохија. Тогаш царот Галиј, братот на Јулијан Отстапникот,

царувал заедно со Констанциј, синот на Константин. Побуден од благочестие, Галиј ги пренесол моштите на св. Вавила во предградието Дафне, соѕидал мала црква и во неа ги положил моштите на маченикот. Во Дафне имало познат храм Аполонов, изграден на она место каде што, според кажувањето на незнабожците, една девица се претворила во дрвото дафна за да се спаси од „богот“ Аполон, кој ја прогонувал од своите незауздани телесни страсти кон неа. Тука имало идол на Аполон, кој, божем, претскажувал на секого што ќе му се случи. Но откако моштите на св. Вавила биле погребани во близина на храмот, демонот од идолот замолчил и престанал да претскажува. Кога царот Јулијан Отстапник подоцна тргнал во смртоносна војна со Персијанците, тој наминал во тој храм и го прашал за исходот на војната за која тој се подготвувал. Идолот плашливо одговорил дека не може да даде јасен одговор „заради мртвите“ погребани во неговата близина. Тоа, секако, се однесувало само на Вавила, со чие присуство на телото го замолчил демонот. Јулијан наредил моштите на Вавила да се пренесат назад во Антиохија. Но штом ги пренесле моштите на маченикот, удрил оган од небото и го изгорел Аполоновиот храм и го разурнал засекогаш. Јулијан нападнал на Персијанците и грозно го завршил својот грозоморен живот. Таква била силата на маченикот Христов по смртта: он го замолчил демонот, симнал оган од небото и го разурнал идолскиот храм, а безбожниот цар отстапник го казнил со нечесна смрт.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Божјата казна над Давида за гревовите (II Цар. 15), и тоа:

1. како Авесалом, синот Давидов, дигнал бунт против таткото;
2. како Давид бегал од Ерусалим пред синот и одел бос и плачел.

БЕСЕДА
за претворањето на водата во вино

Така направи Исус почеток на Своите чуда во Кана Галилејска (Јн. 2:11).

Семоќен е нашиот Бог и на Неговата моќ ѝ нема крај и опис. Со Своето Слово Он создал сѐ што е создадено. *Со Словото Господово се утврдија небесата.* Со Своето Слово Он го создал телото на човекот. Со Словото Божјо мртвата земја се претворила во човечки тела, во животински тела, во растителни тела. Со Словото Божјо течната вода се претвора во пареа, а пареата во мраз и во снег. Со тоа исто Слово водата во лозата се претвора во вино и *виното го весели срцето на човекот.* Какво е тогаш чудото за оваплотеното Слово Божјо, за Христа нашиот Господ, што во Кана Галилејска ја претворил водата во вино? За нас луѓето, помрачени со гревот, тоа е големо чудо, за нашата природа, ослабена од гревот, тоа е недостижно чудо. Но да се прават чуда зар тоа не е обична работа на Творецот? Кога слугите наполниле шест големи садови со вода, Господ Христос им рекол: *Налијте сега и однесете му на старосветот.* Он дури и не рекол водата да постане вино, туку тоа само го помислил. А помислата Божја има иста сила како и зборот Божји.

Зошто се вели дека ова е *почетокот на чудата* кога Господ, изгледа, и пред ова чудо, сепак, правел други чуда? Затоа, браќа, што претворањето на водата во вино е основно Христово чудо и тоа е суштина на сите Негови чуда. Се разнежнила и се расплакала човечката природа и требало да ја претвори во вино. Се угасила божествената искра во човекот и требало да ја разгори. Болеста е како вода, а здравјето е како вино; смртта е како вода, животот како вино; незнаењето е како вода, вистината е како вино. Оттука, кога Господ ги правел: болните – здрави, нечистите – чисти, мртвите – живи, заблудените – просветени, Он всушност претворал вода во вино.

О Господи Боже наш, чуден Претворувачу на вода во вино, внеси го Твојот божествен пламен во нашето изгаснато огниште. Претвори ја водата на нашето битие во божествено вино за да бидеме слични на Тебе и како слични да

можеме да седиме во Твоето бесмртно царство, со Твоите пламени ангели. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

5 СЕПТЕМВРИ

1. Св. пророк Захарија. Татко е на св. Јован Претеча. Син на Варахиј, од родот на Авиј, од племето Ароново. Бил началник на свештениците од родот Авиев, кој ја држел осмата ждрепка на служење во ерусалимскиот храм. Жена му била Елисавета, ќерка на Совија, сестра на св. Ана, мајката на св. Богородица. Во времето на царот Ирод, чедоубиецот, еден ден служел Захарија, според својата ждрепка, во храмот ерусалимски. И му се јавил во олтарот ангел Божји, од кого Захарија го опфатило страв. А ангелот му рекол: *Не бој се Захарија* (Лк. 1). И ангелот му објавил на Захарија дека жена му Елисавета ќе роди син, според нивните молитви. А беа двајцата стари, и Захарија и Елисавета. Кога Захарија се посомневал во зборовите на небесниот весник, ангелот му рекол: *Јас сум Гаврил кој сйои йред Боīа*. И онемел Захарија од тој час, и не прозборел сè додека не му се родил синот, и додека тој не напишал на штичка: *Јован му е имейо*. Тогаш му се одврзале устата и јазикот негови и тој Го величал Бога. Подоцна, кога се родил Господ Исус и кога Ирод почнал да ги убива децата во Витлеем, Ирод испратил луѓе да го најдат и синот на Захарија и да го убијат, затоа што Ирод чул за сè што се случило со Захарија и како се родил Јован. Видувајќи ги војниците, Елисавета го зела Јована в раце – тогаш имал година и пол – и побегнала со него од куќата; и бегала по камените и пусти места. А кога ги видела војниците кај што ја гонат, таа ѝ повикала на гората: „Горо Божја, прими ја мајката со детето!“ И се отворила карпа и ги скрила во себе мајката и детето. Ирод разлутен зашто Јован не бил убиен наредил, та го убиле Захарија пред олтарот. Крвта Захариева се пролила по мермерот и се стврднала како камен. Така останала како сведоштво на злосторот Иродов. А таму каде што се скрила Елисавета со Јован се отворила пештера, протекла вода и родна палма израснала со Божја сила. Четириесет дена по смртта на Захарија се упокоила и блажената Елисавета. И останал младенецот Јован во пустината, хранет од ангел и чуван од Божјата промисла до оној ден кога требало да се јави на реката Јордан.

2. Св. мч-ци Јувентин и Максимин. Житието на овие двајца свети мажи малку се знае, но нивното страдање за Христа е познато од една беседа на Златоуст во нивна пофалба. Тие биле војници во времето на царот Јулијан Отстапник. На една војничка гозба тие во разговорот со другите го осудиле царот поради гонењето на христијаните. Тоа некој му го пренесол на царот и царот ги фрлил во темница. Некои луѓе на царот ги посетиле со намера да ги одвратат од вистинската вера, зборувајќи им како многу нивни другари се одрекле од Христа. На тоа тие машки одговориле: „Токму затоа ние мораме да стоиме храбро и да се принесеме себеси на жртва поради нивното отстапништво". Во ноќната темнина биле погубени со меч. Но нивните мошти беа пронајдени и се пројавиле чудотворни.

3. Св. 70 мч-ци. На чело со Урван, Теодор и Медимно, овие биле избрани од цариградските христијани во времето на Валентиновото гонење на православието, како најчесни и најугледни граѓани на престолнината да одат во Никомидија и да го молат царот – еретик (ариевец), барем животите да им ги поштеди на православните христијани. Царот се разлутил и им рекол да се вратат, а тајно им наредил на бродарите, кога ќе бидат среде морето да го запалат бродот, а тие во чамец да се спасат и да се вратат. Така и направиле лошите слуги на полошиот господар. Телата на овие седумдесетмина биле изгорени и во морето потопени, но душите нивни испливале во пристаништето на вечното блаженство.

4. Преп. Атанасиј. Се подвизувал во Вилна, а подоцна бил игумен на манастирот во Брест. Поради својата непоколебливост во православието бил погубен од римокатолиците на 5 септември 1648 година. Неговите мошти прават чуда во Брест.

РАСУДУВАЊЕ

Залудно се трудат луѓето да го најдат она што Бог намерно го крие од нив. Кога Бог не би допуштил, луѓето никогаш не би пронашле злато и сребро под земјата, ни силата на водената пареа, ни блесокот на електричната светлина. Залудно Ирод убил многубројни деца во Витлеем само да Го убие Единиот. Тој Единствен, се скрил пред погледот и пред мечот на Ирода. Залудно Ирод го барал и Јована. По-

гледнете чудо: војниците ја гонат старицата Елисавета, која бега со Јована на рацете и не можат да ја стасаат! Разлутен Ирод го повикал Захарија и му рекол: „Дај ми го твојот син Јован!“ А старецот свештеник кротко му одговорил на царот: „Јас сега Му служам на Господа Богот Израилев, та за мојот син не знам каде се наоѓа“. Избезумен од гнев, Ирод наредил да го убијат Захарија наместо Јована. Слугите на царот дошле во храмот и му рекле на Захарија: „Каде го скри својот син? Дај ни го, бидејќи наредува царот. Ако не ни го дадеш, самиот ти ќе умреш“. Захарија одговорил: „Вие ќе го убиете моето тело, а Господ ќе ја прими мојата душа“. И Захарија бил убиен, но Ирод со тоа не се задоволил. Опакиот цар немал мир ни преку ден ни преку ноќ, бидејќи го мачела мислата дека никој друг освен Јован не може да биде оној новороден цар, кого му го објавиле источните мудреци. Но залудно се трудел Ирод да го најде Оној кого Бог намерно го скрил од него.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Божјата казна над Давида за гревовите (II Цар. 17), и тоа:

1. како Авесалом војувал со својот татко и како загинало мноштво народ во војната;
2. како загинал Авесалом;
3. како Давид горко плачел.

БЕСЕДА
за неопходноста од другото, духовното раѓање

Ако некој не се роди одозгора, не може да го види царството Божјо (Јн. 3:3).

Така му рекол Господ Исус на Никодим, еврејскиот кнез, а Никодим со чудење прашал: „Како може човек повторно да се роди кога е стар?“ Така и денес многумина се прашуваат: „Како телесниот човек може да постане духовен? Како грешникот може да постане праведник? Како Божјата благодат може да влезе во човекот и да го замени

телесното умување и телесната волја? Како Светиот Дух може да го озари срцето на човекот? Како водата може да се претвори во вино?“ Ние знаеме дека Божјиот Дух слегол на апостолите и апостолите постанале други луѓе, нови, повторно родени. И знаеме од илјади примери како луѓето со телесни мисли и со телесен живот постанувале духовни луѓе, преродени. Ние знаеме, значи, дека тоа се случувало и дека и денес се случува под дејство на благодатта на Светиот Дух, Бога. Но малку ни е потребно да прашаме: „Како тоа се случува?“ Доволно е што знаеме дека тоа се случува и да се трудиме тоа да се случи и со нас самите. Бидејќи благодат на Духот се дава на секого кој ја бара и кој се подготвил да може да ја прими. Нема потешка работа отколку да се објаснуваат духовни работи на луѓе кои само телесно мислат и судат. Св. Златоуст вели: „Душата што е предадена на страстите не може да постигне ништо благородно и големо, бидејќи страда од тешко слепило како очи кои се помрачени со течење на гној“. Обично најтелесните луѓе се распрашуваат за најголемите божествени тајни. Не се распрашуваат тие за да го научат патот на своето спасение, туку да ги збунат верниците, да ја исмеат верата и да го оправдаат својот грешен и страстен живот. Немоќни да се качат на првото скалило од небесната скала, тие чезнат за последното скалило. Браќа, кога таквите ќе ве прашаат за длабоките тајни на преродувањето на душата и царството небесно, упатете ги првин да ги исполнат десетте основни Божји заповеди. Ако го направат тоа, тогаш ќе им се отвори душата за сфаќање на божествените тајни, и тоа толку колку што е потребно за нивното очистување од гревот и од страстите за вечно спасение.

О Господи Исусе Христе, преблаг и семудар Учителу наш, помогни ни со умот да разбереме и со срцето да усвоиме онолку од Твојата мудрост колку што ни е потребно за наше спасение. Помогни ни да се воздржиме од непотребно љубопитство. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

6 СЕПТЕМВРИ

1. Спомен на чудата на св. Архангел Михаил. Во Фригија има едно место наречено „Хони“ (*йогружение*) недалеку од Ерапол; и на тоа место имало извор на чудотвор-

на вода. Кога апостолот св. Јован Богослов со Филипа го проповедал *Еванѓелието* во Ерапол, тој погледнал на она место и прорекол дека таму ќе се отвори извор на чудотворна вода, од која многумина ќе добијат исцеление, и дека тоа место ќе го посети големиот Божји архистратиг Михаил. Набргу потоа се исполнило ова пророштво: се отворил извор на вода, кој се прочул на сите страни поради својата чудесна сила. Некој незнабожец во Лаодикија имал нема ќерка и поради тоа бил во голема жалост. На сон му се јавил архангел Михаил и го упатил да ја однесе својата ќерка на тој извор, па ќе оздрави. Таткото веднаш послушал, ја одвел својата ќерка на таа вода и таму затекол многу народ, кој дошол да бара спас од разни маки. Тоа биле сѐ христијани. Тогаш тој прашал како треба да се бара исцеление, а христијаните му рекле: „Во името на Отецот, Синот и Светиот Дух треба да го молиме архангелот Михаил". Човекот така и се помолил, и својата ќерка ја напоил со онаа вода и девојката почнала да зборува. Така овој незнабожец се крстил заедно со ќерката и со целиот свој дом, и кај тој извор изградил црква во име на архангел Михаил. Подоцна на тоа место се населило едно момче, по име Архип, и се подвизувало тука со тежок подвиг на пост и на молитва. Незнабожците му правеле многу пакости, оти не им било по волја што од христијанската светиња произлегува голема сила и привлекува многу народ кон себе. Така злобни, тие ја навратиле блиската река да ја потопи црквата и изворот. Но, по молитвата на Архипа се јавил св. Архангел и во карпата крај црквата отворил пукнатина во која потекла навртената река. Така се спасило она место и го нарекле „Хони" – *погружение* – затоа што реката потекла во отворената провалија. Св. Архип тука се подвизувал до својата 70. година и се упокоил мирно во Господа.

2. Св. мч. Ромил и 11000 војници. Кога царот Трајан војувал на Истокот, еднаш наредил да се пребројат христијаните во неговата војска. И се нашло дека во царевата војска има 11000 христијани. Тогаш царот наредил сите да се отпуштат од војската и да се испратат во Ерменија. Св. Ромил бил началник на царскиот дом. Тој излегол пред царот и го укорил поради постапката, објавувајќи се и себеси како христијанин. Царот наредил, та на Ромила му ја отсекле главата. А изгонетите 11 000 војници, некои од нив биле на крст распнати, а останатите убиени со други маки.

3. Св. Евдоксиј. Бил војвода во римската војска. Пострадал за Христа во времето на Диоклецијан. Судени и мачени од началникот милетински во Ерменија, со него пострадале и неговите пријатели: Зинон и Макариј и уште 1104 војници, кои Евдоксиј ги обратил во христијанството. По смртта, ѝ се јавил на својата жена. И неговата жената Василиса ја одржала верата Христова до смртта и се упокоила мирно.

4. Преп. Давид. Овој бил разбојнички водач околу Хермопол во Египет и дури во стари години си дошол при себе, се покајал и се замонашил. Му се јавил архангел Михаил и му дал сила чудотворна. Мирно се упокоил во VI век, откако со многуте и долгите подвизи се удостоил за Царството Божјо.

РАСУДУВАЊЕ

Многу варварски обичаи христијанството искоренило од човечкото друштво. Но некои од тие обичаи, пофални од безбожно и срамни од христијанско гледиште, уште и ден–денешен тлеат како скриен гној од привидно залекувана рана. Еден од тие обичаи е грабење и тајно одведување на девојките. Св. Василиј строго за тоа му пишува на некој свој свештеник по повод еден таков случај: „Употреби ги сите усилби таа девојка каде и да ја најдеш да ја одземеш и да ја вратиш кај родителите, а тој што ја грабнал лиши го од општење во молитвите и огласи го за одлачен. Исто така и оние кои му помагале, според моето претходно упатство, секој од нив, со сиот негов дом, три години да го лишиш од општење во молитвите. А тоа село кое ја примило одведената девојка и ја криело, дури и со сила ја задржувало, одлачи го, исто така, во молитвите не изземајќи никого за сите да се научат дека грабливецот, како змија или како некој друг ѕвер, е општ непријател, да го гонат од себе и да им укажуваат заштита на навредените“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за примерот на Давидовата самовоздржаност (II Цар. 23), и тоа:

1. како во борбата со Филистејците Давид ожеднел и прашал кој би му донесол вода од изворот во Витлеем, што го држеле Филистејците;

2. како тројца јунаци продреле низ непријателите и му донесле вода на царот;

3. како Давид не сакал да пие, туку ја истурил водата на земја, говорејќи: „Зар не е тоа крвта на овие луѓе, кои не мислејќи за својот живот, отидоа?“

БЕСЕДА
за двете раѓања

Зашто роденото од тело, тело е, а роденото од Дух, дух е (Јн. 3:6).

Овие зборови, браќа, не се зборови ниту на пророк, ниту на апостол, туку тоа се зборови на самиот Господ, изречени со Неговите пречисти усни. И како што има во секој Господов збор сила и спасение, така има и во овие Негови зборови сила и спасение. Затоа треба со страв и со внимание да ги испитуваме овие зборови и во нашиот живот да ги применуваме. Со овие зборови Господ сака да ја истакне превласта на духот над телото. Како што се раѓа телото од тело, така духот треба да се роди од Дух. Раѓањето на нашиот дух од Божјиот Дух, според Божјата благодат, а не според битноста, тоа е новото раѓање, за кое Господ му зборувал на Никодим, кнезот еврејски. Никодим не ги разбрал овие Христови зборови, како што и денес не ги разбираат сите оние кај кои телото зело власт над духот. Луѓето кај кои телото преовладало над духот, сè мислат и судат според телото; додека луѓето кај кои духот преовладал над телото, сè мислат и судат според духот. Оние кои сè мислат и судат телесно, го прават и својот дух телесен, додека оние кои сè мислат и судат духовно, и своето тело го прават духовно. Како кога некој променува злато и сè претвора во книжни пари, такви се оние првите, кои и она што е бесмртно во нив го претвораат во смртно; додека оние вторите, како некој што своите книжни пари ги заменува и ги претвора во злато, бидејќи тие не само што не го упропастуваат она што е бесмртно во нив, туку и она што е смртно го претвораат во бесмртно. Евреите го толкувале законот и пророците теле-

сно, затоа не го разбирале Господа, туку Господ на славата го распнале. Додека оние кои озарени со благодатта на Духот Божји го разбрале Господа Христа ги протолкувале и законот и пророците духовно. И не само законот и пророците, туку и целата создадена природа и сиот свој живот на земјата. Ако, браќа, нашето тело е родено според потребата од тело, неприродно е и нашиот дух да се раѓа од тело. Нека нашиот дух се роди од Божјиот Дух и тогаш ќе бидеме природни и според телото и според духот. Тоа е онаа виша и безгрешна природа што ја имал Адам во рајот пред гревот. Не е можно и не е потребно нашето тело повторно да се роди од тело, но е можно и е неопходно, и никогаш не е доцна, нашиот дух повторно да се роди, да се роди од Божјиот Дух.

О Господи Исусе Христе, Единороден Сине Божји, помогни ни пред завршетокот да се преродиме со Божјиот Дух и нашиот дух навистина да биде роден од Духот. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

7 СЕПТЕМВРИ

1. Св. мч. Созонт. Родум од Ликаонија. Св. Созонт бил пастир на овци и се држел во сè до законот Божји, ги поучувал другарите и врсниците свои во благочестивата вера. Според некое видение, тој дознал дека е добро за него маченички да пострада за Христа. Во тоа време имало големо гонење на христијаните во блискиот град Помпеопол од страна на некој Максимијан игемон Киликиски. А во градот имало некој златен идол, на кој незнабожците му се поклонувале. Созонт ги оставил своите овци, отишол во градот, влегол во незнабожечкиот храм, ја откршил раката од идолот, ја раздробил и ја раздал на сиромасите. Настанало голема паника во градот поради тоа и незнабожците почнале да го бараат виновникот. Некој друг да не пострада поради неговото дело, Созонт се упатил кај игуменот и се објавил себеси како христијанин и сторител на тоа дело. Мачителите прво го тепале, а потоа го обесиле на дрво и го стружеле со железни четки. Кога бил веќе на издивнување, го ставиле на оган каде што Созонт ја предал својата света душа на Бога. Пострадал околу 304 година. Неговите моштите правеле чуда и над нив бил подигнат храм во име на св. Созонт.

2. Св. апостоли Евод и Онисифор. Овие двајца биле од седумдесетмината. Евода со голема пофалба го споменува св. Игнатиј Богоносец во своето послание до Антиохијаните. Евод бил ученик на апостол Петар и бил негов наследник во позивот епископ Антиохиски. Петар апостол и наставник негов, го поставил за епископ Антиохиски. Евод напишал дело за св. Богородица, во кое изложил како св. Дева Марија била воведена во храмот кога имала 3 години од раѓањето; како во храмот останала 11 години; како наполнувајќи 15 години му била предадена на св. Јосиф на чување и како Го родила Господа во 15 година. Напишал и друго едно дело под наслов „Светило". Овие две дела се уништени во времето на гонењето на христијаните. Убиен е за Христа во времето на престојувањето на царот Веспавијан во Антиохија. Св. Онисифора го споменува апостол Павле (II Тим. 1:16–18) како свој искрен пријател и помошник. Пострадал за Христа во Колофон каде што и бил епископ. Се вели дека бил врзан за диви коњи и бил растргнат. И така, овие верни Христови војници чесно послужиле на земјата и се преселиле во радоста на својот Господ.

3. Св. мч. Евпсихиј. Син на сенаторот Дионисиј. Жестоко бил мачен за Христа, бил тепан и стружен, па полумртов бил фрлен в самица. Му се јавил ангел Божји и го исцелил. Кога го пуштиле од затвор, тој го раздал сиот свој имот, нешто на сиромасите, а нешто на своите клеветници. Повторно бил фатен и стружен сè додека не ја предал душата на Бога. Од неговите рани потекло млеко и вода наместо крв. Пострадал во времето на царот Адријан.

4. Св. Јован архиеп. Новгородски. Прво бил свештеник, а потоа, од 1163 година, бил епископ во Новгород. Изградил 7 цркви за времето на својот живот. Имал видение на св. Богородица и необична сила над демоните, кои ги принудувал дури и да му служат. Чудесно го сочувал Новгород од нападот на 72 кнеза. Страдал од ѓаволски искушенија, но со силата на крстот и молитвата сите ги совладал. Во староста се повлекол в манастир, примил схима и мирно се упокоил во Господа на 7 септември 1185 година.

РАСУДУВАЊЕ

Победата над гневот е една од најголемите победи на Христовиот војник. Ние обично се гневиме или на оние кои

сакаме да ги повратиме од гревот или на своите клеветници. Но притоа забораваме дека гневот е смртен грев и дека сакајќи другите да ги спасиме, себеси се губиме, според зборовите на св. Макариј. Гневот против непријателот, обично, е поврзан со едно друго опако чувство, имено со одмаздувањето. Св. Евпсихиј толку ја победил страста на гнев во себе што пред смртта еден дел од својот голем имот им го дал на сиромашните, а другиот дел им го дал на своите клеветници заради кои е мачен и убиен. Тој своите клеветници ги сметал за свои добротвори. Св. Златоуст пишува: „Да ги обрежеме крилјата на гневот и злото нема да се дигне високо". Тој вели: „Гневот е тешка болест што може да ги погуби нашите души... Гневот е страшен оган што проголтува сè... Кога разгневениот човек би можел да се види себеси во моментот на својот гнев, тогаш тој не би имал потреба од никакви други совети (за да не се гневи) затоа што ништо нема понепријатно од лицето на разгневениот". Ава Амон за себе зборувал: „Јас поминав 14 години во скитот, молејќи го Бога дење и ноќе да ми дарува победа над гневот".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Соломоновото почитување на својата мајка (II Лет. 2) , и тоа:

1. како царевата мајка влегла кај својот син нешто да го моли;

2. како царот станал, ја пресретнал својата мајка и се поклонил пред неа;

3. како царот седнал на својот престол, а својата мајка ја ставил од својата десна страна.

БЕСЕДА
за духовната храна

Мојата храна е да ја исполнувам волјата на Оној Кој Ме испратил (Јн. 4:34).

Еве љубов! Еве поука! Еве смиреност! Еве пример! Како што во добриот леб се наоѓа сè што е потребно за нашето тело, така во секој збор на Господа Христа се наоѓа сè

што е потребно за нашата душа. Божественото единство на природата на Отецот и Синот е изразено во љубовта на Отецот кон Синот и на Синот кон Отецот. Оној кој љуби, тој и слуша. Ако сакаш да дознаеш колкава е твојата љубов кон Бога, измери ја твојата послушност кон Божјата волја и веднаш ќе знаеш. Немањето послушност е сигурен знак на немање љубов. Оној кој љуби, со сласт ја извршува волјата на љубениот. Синот Божји толку го љуби Својот Отец што за најслатка храна го смета извршувањето на волјата на Отецот. Што е волјата на Отецот? Спасението на луѓето. Господ, Синот Божји, чувствувал голема глад за извршување на таа волја на Отецот. И кога и да спасил некого, тој се чувствувал нахранет со најслатка храна. Видете колку е возвишена духовноста Христова. Неговите ученици Му донесле храна од селото и Го понудиле да јаде: *Рави, јади*! Во тој час тој бил зафатен со својата главна работа – со спасението на човечките души. Овде е жената Самарјанка подготвена да ја усвои науката за спасението; овде е и целиот град Сихар, веќе приближен до царството Божјо; тука е голема нивата и жетвата на спасението е завршена. Тоа за Христа е храна, послатка од сите телесни храни и слатко на овој свет. Телото е машина во која се вози царот–човек. Кога царот ја извршува својата царска работа, кога ги откупува царчињата од ропството, машината мора до стои настрана и да не му пречи на царот во работата. Царот сиот се сконцентрирал на тоа да ги спаси своите љубени царчиња; и тоа е неговото сакано јадење, неговото пиење, неговата награда, неговото единствено задоволство и достоинство. О браќа мои, кога вие би знаеле колку Господ Христос и денес гладува по нашето спасение. Зар да не Му дадеме од храната што Он најмногу ја сака? Кој ни е поголем гостин, поблизок роднина, поискрен пријател од Него? Па кога далеку помали гости, подалечни роднини и неискрени пријатели ги нагостуваме со она јадење за кое знаеме дека тие го сакаат, како да не Го нагостиме нашиот Господ со храната што Му е единствено угодна? Да го прифатиме нашето сопствено спасение што Он ни го нуди. Тоа за Него е најмилата храна. Од секоја друга храна Он ја свртува главата.

О Господи Исусе, ненаситен Човекољупче, помилуј нè и спаси нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

8 СЕПТЕМВРИ

1. Рождество на Пресвета Богородица. Света Дева Марија се родила од своите стари родители, Јоаким и Ана. Татко ѝ бил од племето на Давид, а мајката од родот на Арон. И така, таа била по татко од царски род, а по мајка од родот архиерејски, и со тоа веќе Го претскажувала Оној, Кој од неа ќе се роди како Цар и Првосвештеник. Нејзините родители биле веќе стари, а немале деца. И затоа биле посрамени пред луѓето и скрушени пред Бога. И во својата скрушеност се молеле на Бога со плач да ја израдува нивната старост со дарување на едно чедо, како што некогаш го израдувал старецот Аврам и старицата Сара, дарувајќи им го синот Исаак. И Бог семоќен и севидлив ги израдувал со радост што далеку ги надминала сите нивни очекувања и сите најубави соништа. Затоа им се дарувало не само ќерка, туку и Богомајка; ги озарил не само со привремена радост, туку и со вечна. Бог им дал само една ќерка, која подоцна им родила само еден внук – но каква ќерка и каков внук! Благодатната Марија, благословена меѓу жените, храм на Духот Свет, олтар на Живиот Бог, трпеза на небесниот леб, кивот на светињата Божја, дрво со најсладок плод, слава на родот човечки, пофалба на родот женски, источник на девството и чистотата – таа била од Бога даруваната ќерка на Јоаким и Ана. Родена во Назарет, а после 3 години одведена во храмот ерусалимски, од каде повторно се вратила во Назарет, за наскоро да ја чуе благата вест на св. архангел Гаврил за раѓањето на Синот Божји, Спасителот на светот, од нејзиното пречисто и девственичко тело.

2. Празник на св. Богородица Калишка. Во манастирот на св. Богородица близу до селото Калиште, западно од Струга, св. Богомајка ја покажувала својата сила и милост низ многубројните чуда. Многумина болни биле исцелувани чудотворно, а разбојниците кои намислувале да го ограбат или осквернат манастирот, биле остро казнувани од невидлива сила. Во храмот се наоѓа и чудотворна икона на св. Богородица, а во близината на храмот има две целебни води: на св. Петар и на св. Ананиј. Недалеку од главниот храм се наоѓа параклис на св. Атанасиј во пештера.

3. Празник на иконата на св. Богородица Почаевска. Во Волинската губернија се наоѓа познатиот манастир на св. Богородица во Почаев, каде што св. Богомајка му се јавила прво околу 1340 година на едниот од двајцата иноци,

кои тука во една пештера се подвизувале. Од тогаш тоа место постанало непресушен извор на многубројни чуда.

РАСУДУВАЊЕ

Свети Диносиј Ареопагит ја опишува безмерната радост и болскањето однадвор и однатре и неописливата благопријатност што тој ја осетил во присуството на св. Богородица кога ја посетил во Ерусалим. Во своето воодушевување тој вели дека кога не би Го познавал единствениот вистински Бог, тој неа, света Дева Марија, би ја признал за Бог. Таков силен и необичен впечаток оставала на луѓето света Дева уште за време на својот телесен живот на земјата. Неспоредливо поголема сила и слава, пак, таа добива по нејзината телесна смрт, кога, по волјата Божја, е возвишена над ангелските сили. Нејзината сила доаѓа од непрестајните молитви кон Бога за верниците, за сите оние кои нејзе ѝ се обраќаат за помош. Св. Јован Новгородски кога со народот ѝ се молел за помош против непријателската војска, познал дека и таа во тој час со солзи се молела на Господа за нив. И Новгород бил чудесно спасен. Како што била ранлива кон распнатиот свој Син, така е св. Пречиста ранлива кон сите неволни, кои ѝ се обраќаат нејзе за помош. Може да се каже дека целата земја е покриена со чудата на нејзината милост. Во Белград и денес живее еден кафеџија Ц.Ј. родум од селото Лабуништа, кај Струга, кого мајката како слеп го довела во Калишкиот манастир, каде што по молитвата на свештеникот над него пред иконата на св. Богородица, повторно прогледал. Првиот инок во Почаево видел огнен столб од земјата до небото и во тој огнен столб ја видел св. Богородица. Таа стоела на еден камен и на тоа место каде што таа стоела, се отворил извор со лековита вода што и денес им помага на многумина болни.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудниот Божји Дар на Соломона, (II Лет. 3), и тоа:

1. како Господ му се јавил на Соломон во Гаваон и го прашал што сака да му даде;

2. како Соломон посакал разумно срце, за да може да му суди на народот и да распознава добро и зло;

3. како Бог му дарувал и што посакал и што не посакал.

БЕСЕДА
за еднодушноста на Синот и Отецот

Синот не може да прави ништо Сам од Себе, ако не Го види Отецот да прави (Јн. 5:19).

Како треба да ги разбереме овие зборови, браќа? Дали онака како што некои еретици ги разбирале, имено, дека Синот е помал од Отецот и е понемоќен од Отецот? Не, никако. Устите што така ги толкувале зборовите Господови, говорат бесчестие. Тие зборови треба да ги разбереме како што ги разбрале нашите свети отци, имено, дека Синот е рамен на Отецот во сè, и дека заради нивната еднаквост во желбите, љубовта и мудроста, Синот не може ништо да прави наспроти волјата на Отецот, ни наспроти љубовта на Отецот, ни наспроти мудроста на Отецот. Така, ни Отецот не може ништо да прави спротивно на Синот, ниту Светиот Дух спротивно на Отецот и Синот. Сè што сака, што љуби и што мисли Отецот, тоа и Синот и Светиот Дух го сакаат, го љубат и го мислат. Неспоредлива хармонија, неразделно единство, неискажано битие! Јасно е, значи, дека Синот и не може и не сака да прави ништо самиот од себе, на Своја рака, без хармонија и единство со силата на Отецот и волјата на Отецот. Дека ова толкување е точно, сведочи самиот Господ, понатаму со своите зборови: *Како што Отецот воскреснува од мртвите и оживува така и Синот ги оживува оние кои што ги сака.* Ја гледате ли еднаквоста на волјата и на силата? Она што го сака Отецот, го сака и Синот; она што го може Отецот, го може и Синот. Значи, никој да не го поделува божеството и да не си навлекува проклетство на себе. Бог не може да се раздели, а оној кој ќе проба да го подели Божеството и едното лице да го понижува, а другото да го возвишува, не може да се спаси.

Пресвета Троице, Боже наш, тројца по ипостаси, а еден по суштина, животу, светлино и љубов, погледни нè и помилувај нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

9 СЕПТЕМВРИ

1. Св. Јоаким и Ана. Св. Јоаким бил син на Варпафир, од коленото Јудино и потомок на царот Давид. Ана била ќерка на свештеникот Матан, од коленото Левиево, како и првосвештеникот Арон. Матан имал 3 ќерки: Марија, Совија и Ана. Марија се омажила во Витлеем и ја родила Саломија; Совија, исто така, се омажила во Витлеем и ја родила Елисавета, мајката на св. Јован Претеча; а Ана се омажила во Назарет за Јоакима и во своите стари денови ја родила Пресветата Богородица Марија. Педесет години живееле во брак Јоаким и Ана и биле неплодни. Живееле богоугодно и тивко и од сите свои приходи, една третина само употребувале на себе, втората ја раздавале на сиромаси, а третата му ја жртвувале на храмот. А биле добро имотни. Еднаш кога под старост отишле во Ерусалим да Му принесат жртва на Бога, ги укорил првосвештеникот Исахар, велејќи му на Јоакима: „Не си достоен од твоите раце да се прими дар, бидејќи си бездетен". Така и другите кои имале деца го туркале Јоакима зад себе како недостоен. Тоа многу ги жалостело овие две стари души, та со голема тага се вратиле во својот дом. Тогаш двајцата паднале на молитва кон Бога, врз нив да направи чудо како некогаш над Аврама и Сара, и да им подари едно чедо за утеха во староста. Бог им испратил Свој ангел кој им го објавил раѓањето „на ќерката Преблагословена, со која ќе се благословат сите народи на земјата и преку која ќе му дојде спасението на светот". И веднаш Ана зачнала и во 9. месец ја родила св. Дева Марија. Св. Јоаким поживеал на земјата 80, а Ана 79 години и се претставиле на Господа.

2. Спомен на III вселенски собор. Овој собор се одржал во 431 година во Ефес, за време на царот Теодосиј Помладиот. На Соборот биле 200 св. отци. Овој Собор го осудил Несторија, патријархот Цариградски, поради еретичкото учење за Пресветата Дева Марија и за раѓањето на Господа. Имено, Несториј не сакал да ја нарекува св. Дева Богородица, туку Христородица (човекородица). Св. отци, осудувајќи го Несториевото учење, утврдиле св. Дева да се нарекува Богородица. Освен тоа, ги потврдиле одлуките на Првиот и на Вториот вселенски собор, особено Никео–ца-

риградскиот Символ на верата, заповедувајќи дека никој да не смее од овој Символ ниту нешто да одзема ниту да му додава.

3. Св. мч. Севиријан. Благородник Севастиски. Во времето на мачењето на 40 маченици во Севастија (види, 9 март), тој ги посетувал овие маченици во темницата, ги охрабрувал и им служел. По нивната славна смрт и тој бил фатен, бил тепан и бил мачен за Христа, и најпосле бил обесен за едно дрво со тежок камен на вратот, а друг на нозете. Благодарејќи Му на Бога за сè, тој го предал духот свој во времето на царот Ликиниј во 320 година.

4. Св. Теофан исповедник и испосник. По богоугодниот живот и страдањето за Христа мирно завршил во 299 година.

5. Св. Никита угодник Божји. Живеел во Цариград во X век. Со својот живот толку Му угодил на Бога, што пред него црковната врата сама се отворала и кандилата сами од себе се палеле. Толку била силна неговата молитва. По желба на некој ѓакон Созонт, а по молитвата на Никита, од оној свет се јавил некој свештеник со кого Созонт бил во кавга и останал непомирен. Првин се јавил еден ред свештеници во бели, а потоа втор ред во црвени одежди. Созонт го познал помеѓу нив својот соперник и се помирил со него. Тоа се случило ноќе во црквата Влахерна.

РАСУДУВАЊЕ

Милостина не треба да се дава со горделивост, туку со смирение, сметајќи го оној на кого му се дава милостината за подобар од себе. Зар самиот Господ не рекол: *Мене сте ми го направиле она што сте им го направиле на малите и сиромашните* (Мт. 25:40)? Теофан Исповедник уште како дете имал просветен ум со светлината Христова. Еднаш одел по улица, па видел некое дете како се смрзнува надвор. Тој брзо ги слекол своите алишта и го облекол тоа дете и така го стоплил и му го повратил животот. Тој, пак, си отишол дома гол. Зачудените родители го прашале каде му се алиштата? Теофан им одговорил: „Го облеков Христа“. Затоа му била додадена Христовата благодат, та подоцна бил голем подвижник, страдалник за верата и чудотворец. Значи, ако даваме милостина во било чие друго име, или во свое име, не можеме да ја избегнеме горделивоста,

која што ќе се појави во срцето и ги уништува сите направени добри дела. И кога му даваме на просјакот како на просјак, а не како на Христа, не можеме да ја избегнеме ниту горделивоста, ниту презирот. И што му вреди на човекот да прави милостина, ако се гордее со себе и го презира човекот? Добродетелта не е добродетел ако се измеша со гревот, како што млекото не е млеко ако се измеша со газија и со оцет.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за мудроста на Соломон, (II Лет. 3), и тоа:

1. како две жени се расправале за едно дете, секоја говорејќи дека е нејзино;
2. како Соломон наредил детето да се пресече на два дела и по една половина да се даде на секоја од жените;
3. како вистинската мајка вреснала по детето и така се познало дека детето е нејзино.

БЕСЕДА
за сведоштвото на Бога за Бога

Ако Јас сведочам Сам за Себе, сведоштвото Мое нема да биде вистинско (Јн. 5:31).

Така му зборувал Господ на еден лажен и лажлив род. Овие зборови им ги рекол Он на еврејските старешини, не како поука, туку како разобличување. Тие не му верувале на еден човек кога говорел за себе, туку барале двајца сведоци. Немојте, браќа, ни да помислувате дека она што Господ Исус го кажува за Себе дека не е вистинско, туку дека Евреите тоа не го сметале за вистина. Оттука, според толкувањето на нашите свети отци: *Сведоштвото Мое нема да биде вистинско*, треба да го разбереме така дека тоа сведоштво не било вистинско во очите на Евреите. А секој збор што го кажал Господ Исус за себе дека е вистински, тоа тој го кажал на друго место кога рекол: *Ако сведочам Сам за Себе, Моето сведоштво е вистинско* (Јн. 8:14). Овде Господ поучува, а таму изобличува; овде Он потврдува како

што е работата, таму, пак, како што им се чинело на Евреите. Евреите не му верувале на Неговото сведоштво за Него, туку барале други сведоштва. И Он им наброил три огромни сведоштва: прво, сведоштвото на Своите сопствени дела: *делата што ги извршувам Јас, сведочат за Мене* (Јн. 5:36); второ, сведоштвото на Својот Отец небесен, кој Го посведочил како Свој Син на Јордан и на Тавор: *и Отецот, Кој Ме испрати, Сам посведочи за Мене* (Јн. 5:37); најпосле, трето, сведоштвото на ***Светото писмо***: *Прегледајте го* ***Писмото***, *и тоа сведочи за Мене* (Јн. 5:39). Какви уште сведоштва му требаат на човекот барем со малку разум? Но кај еврејските старешини разумот бил помрачен во толкава мерка што тие не можеле да видат ништо и да разберат ништо. Кога човекољубивиот Господ го извршил сето тоа што требало да го изврши за да ги спаси еврејските старешини и кога тие ги одбиле сите сведоштва за Него, и со тоа го одбиле и своето спасение, тогаш Он им рекол: *Ако сведочам Сам за Себе, Моето сведоштво е вистинско.*

О браќа мои, да не бидеме со камени срца како оние заслепени старешини и да не го одбиваме единственото свое спасение. Да не бараме никакви други сведоштва, туку да му веруваме на она што самиот Господ Исус го вели за Себе. Он за Себе рекол дека е *Вистина* и ние со *Неа* се храниме и се спасуваме.

О Господи Исусе, жива Вистино, вечна Вистино, не оддалечувај се од нас, но просвети нè и спаси нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

10 СЕПТЕМВРИ

1. Св. мч-ци Минодора, Митродора и Нимфодора. Три сестри од некое место во Витинија Азиска. Воспитани во духот христијански се повлекле од градот во пустината, сакајќи својот ум да го возвишат кон Бога и да се ослободат од сиот лажлив свет, и така да го проживеат овој век во чистота и девственост, како вистински невести Христови. Се предале на голем труд, пост и молитва сè додека Бог не ги украсил со дарот на чудотворство. Кога кај нив почнале да доведуваат болни заради исцелување, тие станале познати и без својата волја. За нив разбрал и некој кнез Фронтон и ги довлекол на суд. Видувајќи ги, кнезот се зачудил од убави-

ната на нивните лица. Бидејќи тие биле големи испоснички, нивните тела биле суви, лицата им биле светли, озарени од внатрешниот мир и благодатта Божја. Кнезот прво им ласкал и им ветувал дека ќе ги испрати кај царот, кој ќе ги омажи за своите големци, но кога се уверил дека сите негови ласкања и ветувања немаат никакво дејство врз овие невести на Христа Господа, тој наредил, та прво ја мачеле Минодора, а нејзините сестри ги фрлил во темница. По острите мачења, кнезот ѝ викнал на Минодора, целата изранета и раскрвавена: „Принеси им жртва на боговите!“ На тоа св. маченичка одговорила: „Зар не гледаш: ништо друго и не правам, туку целата себеси се принесувам на жртва на мојот Бог?“ Кога издивнала во маки св. Минодора, тогаш кнезот ги извел и другите две сестри и ги поставил покрај мртвото тело на Минодора, па, покажувајќи им го мртвото тело на нивната сестра, ги советувал да се одречат од Христа. Но како овие останале непоколебливи, и нив со остри маки ги убил. Во тој час гром удрил од небото и го убил бездушниот Фронтон и неговите слуги. Христијаните чесно ги погребале телата на светите Божји маченички. Пострадале помеѓу 305 и 311 година во времето на Максимијан Галериј и се упокоиле во Царството Христово.

2. Св. Пулхерија царица. Ќерка на царот Аркадиј. Дала завет дека ќе остане довека во девство и во знак на тој завет изградила во соборниот храм чесна трпеза од злато и скапоцени камења. Му соцарувала на својот брат Теодосиј Помладиот. Голема ревнителка на верата православна. По нејзино настојување е свикан Третиот вселенски собор во Ефес, кој ја осудил Несториевата ерес. Ја изградила познатата црква на св. Богородица во Влахерна во Цариград. По смртта на Теодосиј се венчала со Маркијан, избраниот цар, но со него живеела како со брат. Ги пронашла моштите на 40 Севастиски маченици. Се упокоила во Господа на 10 септември 453 година во 55. година на својот живот.

3. Св. Аполос, Лукиј и Климент. Овие се апостоли од Седумдесетмината. Аполос се споменува во *Делата апостолски* (18:24–25), бил епископ во Смирна пред св. Поликарп. Св. Лукиј (Рим. 16:21) бил епископ во Лаодикија. Св. Климент бил епископ во Сардик.

4. Св. три жени. Една цариградска благородничка со своите две слугинки. Ја презреле суетата на светот и се повлекле во осаменост, каде што после 11 години се упокоиле во Господа.

РАСУДУВАЊЕ

Примерите на храброст и на трпение, кои ги покажале христијанските маченички, илјадници и илјадници од нив ги осветлиле со блескава светлина страниците на историјата на христијанската црква. Но колку што се за чудење овие примери на доброволни маченички, толку се за чудење, и не помалку, примерите на христијанските подвижнички, познати и непознати. Затоа што подвижништвото не е ништо друго туку тоа е долготрајно маченичство. Павле, епископот Моновасиски на потомството му предал еден поучен пример на жена подвижничка. Кога тој уште бил мирјанин и собирач на царските даноци, му се случило да отседне во еден манастир. Кога видел дека гаврани паѓаат на овошките, дека ги кршат гранките со плодовите и ги носат некаде, се зачудил на тоа и заедно со монасите тргнал по нив да види каде тие го носат овошјето. Одејќи така завлегле во некој непроодеӊ предел, во дното, каде што се спуштале гавраните, ги оставале скршените гранки и брзо се враќале назад. Испитувајќи го местото, тие нашле една пештера во која имало три жени испоснички. Најстарата од нив им го раскажала нивното житие: таа била цариградска благородничка. Кога мажот ѝ умрел, некој друг големец сакал насила да ја земе за жена. Но таа била решена, по смртта на првиот маж, остатокот од животот да го помине во девство. Затоа го раздала своето богатство на сиромашните, ги зела двете слугинки и со нив побегнала во ова пусто место. Единаесет години тие поминале овде во пост и во молитва, не гледајќи никого и невидени од никого, освен од Бога. А Промислителот Бог устроил птиците да им донесуваат овошје за храна. Тогаш го замолиле игуменот да им донесе света причест за да се причестат. Кога се причестиле, по три дена сите три жени се упокоиле и монасите чесно ги погребале.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за богатството и за славата на Соломон (II Лет. 4–10), и тоа:

1. како прво Соломон соѕидал величествен храм на Бога, а потоа градел градови и бродови;

2. како околните владетели му се чуделе на Соломона, како Хирам му послужил, а савската царица го посетила;

3. како Соломон во сета своја слава не бил така облечен како еден полски крин (Мт. 629).

БЕСЕДА
за тоа како грешниците
го примаат лошиот, а не добриот

Јас дојдов во имейо на Мојой Оѿец и не Ме ӣримивӣе; а некој друг, ако дојде во свое име, него ќе го ӣримиӣе (Јн. 5:43).

Кој е тој другиот кој ќе дојде во свое име и кого грешните луѓе полесно ќе го примат отколку Христа Господа? Тоа е оној кој не носи крст и не оди по тесен пат; кој не е човекољубец, кој не војува против гревот, туку за гревот; кој ја сака нечистотијата и ја шири нечистотијата; кој е војник на вечната смрт, а не на вечниот живот; кој им ласка на безбожниците и милува секоја страст и секој порок – тоа е антихристот. Тој ќе дојде во свое, а не во Божјо име. И сите оние кои не го примиле Христа, ќе го примат него. Тој ќе им биде мил, бидејќи ќе ги милува сите што одат по криви и грешни патишта. Тој ќе им биде помил од Христа, бидејќи, покрај тешкиот пат Христов, ќе им направи рамна патека како од мраз, по кој луѓето лесно ќе се лизгаат не мислејќи на длабочината во која тој ги води. Господ Исус дошол во името на вечното спасение на луѓето, на вечниот живот, на вечната вистина и на правдата, а тој ќе дојде во свое име, т.е. во името на вечната пропаст, на смртта, на лагата и на неправдата. И кога антихристот ќе дојде помеѓу своите, своите лесно ќе го примат; сите оние на кои им е тежок Христос, ќе го примат антихристот, бидејќи тој ќе им изгледа лесен и неговиот пат ќе им се причини полесен. Кога ќе биде доцна, ќе видат безумниците дека се прелагале, но спасение нема да имаат. Кога ќе почнат да се лизгаат во вечната ноќ, во крилото на смрдената змија, тогаш ќе биде доцна и спасение нема да има повеќе. Брзо ќе заврши безумниот пир на антихристот со грешниците на земјата, како еден миг сè

ќе се заврши; и домот на нечистото веселие ќе се претвори во безизлезна темница на грижи и на чемер. Тогаш сè ќе биде доцна.

О Господи човекољубив, единствен пријателу на луѓето, Тебе единствениот ние Те познаваме и Те признаваме. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

11 СЕПТЕМВРИ

1. Преп. Теодора. Од Александрија, жена на млад човек. Наговорена од некоја гаталка направила прељуба со некој друг човек. И веднаш почнала остро да ја гризе совеста. Се потстрижала и се облекла во машка облека, па стапила во машкиот манастир „Октодекат“ под машкото име – Теодор. Нејзиниот труд, пост, бдение, понизност и плачното покајание ги восхитило сите браќа. Наклеветена од некоја блудна девица како со неа да забременила, Теодора не сакала да се оправдува, сметајќи ја таа клевета како казна Божја за својот поранешен грев. Изгонета од манастирот, таа околу седум години поминала пребивајќи по шумата и пустината, и покрај тоа, негувајќи го детето на таа блудница. Ги победила сите ѓаволски искушенија: не сакала да се поклони на сотаната, не сакала да го прими јадењето од рацете на еден војник, не сакала да ги слуша советите на својот маж да се врати кај него – оти сето тоа било привидение од ѓаволот и штом Теодора ќе се прекрстела, сè исчезнувало како чад. По седум години, игуменот ја примил во манастирот, каде проживеала уште две години, па се упокоила во Господа. Дури тогаш монасите познале дека таа била жена; а на игуменот му се јавил ангел и му објаснил сè. Нејзиниот маж тогаш дошол на погребот и останал до смртта во келијата на својата поранешна жена. Св. Теодора имала преголема Божја благодат: ѕверови скротувала, болести исцелувала, вода во сув бунар извела. Така Бог ја прославил вистинската покајничка, која со мажествено трпение девет години се каела само за еден свој грев. Се упокоила во 490 година.

2. Св. Пафнутиј Исповедник. Епископ Таиски во Тиваида Египетска. За православната вера страдал многу; едно око еретиците му извадиле и левата нога му ја скршиле. На Првиот вселенски собор учествувал со голема сила во соборувањето на Ариевата ерес. Царот Константин мно-

гу го ценел и често го целивал во она избоденото око, избодено заради вистината православна. Станал решително на соборот против западните претставници, кои предлагале на мирските свештеници потполно да им се забрани бракот. Бил девственик целиот свој живот.

3. Преп. Ефросиниј готвач. Прост, но Божји човек. Служел како готвач во некој аморејски манастир во IX век. Духовникот на тој манастир една ноќ се видел себеси во рајот и таму го здогледал Ефросинија. Ефросиниј му одбрал три рајски јаболка и му ги дарувал. Кога духовникот се разбудил, крај својата перница видел три јаболка необично убави и миризливи. Тој брзо го нашол Ефросинија и го прашал: „Каде беше ноќеска, брате?“ „Таму каде што и ти, оче“, му одговорил блажениот угодник Божји. Тогаш духовникот целиот случај им го објавил на монасите и сите ја познале светоста и богоугодноста на Ефросиниј. А Ефросиниј, плашејќи се од славењето од луѓето, веднаш побегнал од манастирот и се скрил во пустината каде што го проживеал остатокот на својот живот.

4. Св. мч-чка Ија. Била обвинета од идолските гаталци и пострадала за Господа во Персија во времето на Сапор, во 363 година. По преданието, сонцето се затемнило при нејзината смрт и целиот воздух се исполнил со прекрасен благопријатен мирис. Била засекогаш прославена од Господа.

5. Св. мч-ци Диодор, Дидим и Диомид. Тепани заради Христа, во Лаодикија ги предале своите души на својот Господ.

РАСУДУВАЊЕ

Не треба на никого да му го спречуваме патот кон совршена преданост и служба на Бога. Многу свети жени, кои сакале да го избегнат бракот и да се посветат на Бога, биле спречувани во тоа од своите мажи. Обично, на крајот тие жени победувале останувајќи непоколебливи во своите намери, па често со својот пример ја буделе совеста и кај своите мажи, та и нив ги упатувале на патот кон спасението. Св. Теодора морала највнимателно да се крие од својот маж заради што се преоблекла во машка облека и се засолнала во машки манастир. Но имало и благоразумни мажи кои им ја одобрувале намерата на своите жени да се оддалечат од

светот и да се посветат потполно на Бога. Царот Фредерик бил свршен со Агнеса Чешка. Но таа никако не се согласувала да стапи во брак заради што ја прекршила вршидбата и побегнала во манастир. Тогаш благоразумниот цар рекол: „Ако таа ме оставеше заради некој друг смртен човек, јас би се одмаздил, но јас не смеам да бидам навреден од тоа што таа наместо мене го избрала Царот небесен".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за страшното богоотстапништво на Соломона и Божјата казна (II Лет. 11), и тоа:

1. како Соломон во староста, замаен од многу жени, отстапил од Бога и почнал да им служи на идолите;
2. како Бог се разгневил и царството го предал на слугата на Соломон;
3. како Соломон отстапил од Бога, иако Бог двапати му се јавил и иако го надарил со мудрост и со голема слава;
4. како и најдобриот човек може да падне, ако не бдее над себе со страв Божји.

БЕСЕДА
за Христа како леб на животот

Јас сум лебот на животот (Јн. 6:35).

Кој може да оживува, браќа, освен Оној Кој и сè создал? Кој може навистина да биде леб на животот, освен Создателот наш? Он создава, Он одржува, Он храни, Он оживува. Ако пченицата го храни телото, Христос ја храни душата. Ако со земниот леб се одржува нашето тело, со Христа се храни и живее нашата душа. Ако ли, пак, нашата душа се храни со некоја друга храна, а не со Христа, таа се распаѓа и умира, а не живее. *Работете не за храна што се расипува, но за храна што останува за живот вечен...* (Јн. 6:27). Така рекол Господ порано. Првин го испитува гладот на луѓето, па потоа понудува леб; всушност, првин понудува глад, а потоа леб. Бидејќи луѓето се збунети во поглед на гладот, тие се гладни за нешто, а не знаат за што. Кога ќе се наситат со земна храна, и кога ќе се презаситат, тие пак чув-

ствуваат некаков незаситен глад, и, иако гледаат дека сета земја и сиот леб на земјата не можат да го заситат тој таинствен глад, тие лакомат за земниот леб, се грабаат за земјата и само за земјата. Меѓутоа, вистинскиот глад на луѓето е гладот по небото, по вечниот живот, по Бога. Тој глад Господ Исус прво го истакнува, а потоа ја поставува трпезата за негово смирување. Таа трпеза, тоа е Он самиот. *Јас сум лебот на животот, кој доаѓа при Мене нема да огладни.* Ќе се насити, ќе се зарадува, ќе оживее, ќе Го познае Бога и ќе се познае себе си. О браќа мои, ќе воскресне од мртвите! Бидејќи со постојаната храна, со минливото јадење, без бесмртната храна, без духовната храна, душата постепено се умртвува и најнакрај ја прави потполно мртва. Од што? Од глад. Телото е од земја и тоа се задоволува со земна храна. А душата е од Духот на самиот Изворник на животот и таа бара храна и пиење од тој свој единствен Изворник.

О Господи Исусе, лебу на вечниот живот, на вистинскиот и неминлив живот, најблаг лебу, нахрани нѐ со Себе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

12 СЕПТЕМВРИ

1. Свешт-мч. Автоном. Во времето на гонењето од Диоклецијан се оддалечил од Италија во Витинија Азијска, во местото викано Сореос, и таму многумина привел во христијанството и им изградил црква на св. архангел Михаил. Престојувал во куќата на еден добар христијанин Корнелиј, кого Автоном го посветил прво за презвитер, а потоа и за епископ. Недалеку од градот Сореос било местото Лимна, населено само со незнабожци. Св. Автоном отишол во тоа место и набргу просветил многумина со *Евангелието* Христово. Тоа ги озлобило незнабожците, па тие еден ден нападнале во црквата на св. архангел Михаил во Сореос и на службата Божја го убиле Автонома во олтарот, и убиле многу други христијани во храмот. Во времето на царот Константин на гробот на св. Автоном некој царски големец Северијан подигнал храм. На 200 години по својата смрт, св. Автоном му се јавил на еден војник, по име Јован. Јован ги откопал моштите на светителот, наоѓајќи ги неизгниени. И многумина болни добиле здравје од моштите на светит-

елот. Така Бог го прославил оној кој Него Го прославувал додека живеел во телото.

2. Свешт-мч. Корнут еп. Иконијски. Родум од Никомидија, од селото Салате. Бил сосема стар кога настанало гонењето во времето на Декиј и Валеријан. Некој мачител на христијаните, Парениј, дошол во Никомидија и почнал да трага по христијаните. Христијаните излегле од градот и се скриле, а нивниот престарен епископ не сакал да излезе, туку сам лично застанал пред Перениј и се јавил како христијанин. Мачителот го заврзал и наредил, та го влечеле по градот сè додека обилно не истекла крвта од него и додека под мечот не ја предал својата света душа на Бога.

3. Св. мч. Јулијан со 40 другари. Сите пострадале околу 300. година. Прво биле мачени, па после биле исечени. Пред својата смрт, св. Јулијан на Бога се молел вака: „На оние кои ќе земат од мојот прав, подај им, Господи, опростување на гревовите и уништување на страстите; нивните полиња да не ги напаѓаат штетни птици, ни скакулци, ни гасеници, ниту некаков друг погубен штетник; а духот мој прими го со мир".

4. Преп. Данил од Тасос. Подвижник и основател на голем манастир. Современик на св. Јоаникиј Велики. Бил присутен кога св. Јоаникиј го посетил островот Тасос. Народот го замолил прославениот Јоаникиј да ги ослободи од змиите. Светителот Му се помолил на Бога и змиите во огромен број се спуштиле во морето и се издавиле.

5. Св. мч-ци: Македониј, Татијан и Теодул. Пострадале за Христа Господа во времето на Јулијан богоотстапникот, а во местото Мероса Фригиска. За разурнувањето на статуата на некој идол биле луто мачени и на железна леса биле печени сè додека душите свои на Бога не ги предале. Кога гореле во огнот, овие храбри мажи му довикувале на мачителот, потсмевајќи му се: „Нема ли да пробаш од нашето месо, дали е добро печено?" И уште зборувале, како и славниот архиѓакон Лаврентиј: „Сврти нè на другата страна, оти оваа едната е печена!" Гледајќи и слушајќи ги св. маченици на огнот, мачителот бил повеќе збунет и уплашен отколку самите тие.

РАСУДУВАЊЕ

Каква треба да биде врската на човекот со Бога? Непрекината и постојана. „Прилепи Му се на Бога како син", советува св. Антониј. А св. Алониј говорел: „Ако човекот не сфати дека, освен него и Бога нема никого повеќе на светот, не може да најде спокојство на својата душа". Единствениот Бог е доволен и предоволен за сè што може човечкото срце да посака. Блажена Теодора без ниеден збор го примила туѓото дете, со љубов го одгледала и го воспитала во страв Божји. Пред смртта, таа вака го советувала тоа дете: „Што му е потребно на човекот повеќе од Бога и од Неговата божествена љубов? Он е наше сокровиште, наше богатство, наше јадење и пиење, облека и покрив, здравје и крепкост, веселба и радост, надеж наша. Него да Го добиеш потруди се, сине мој. Ако Го добиеш единствениот Бог, доволно ти е: повеќе ќе се радуваш на Него отколку да си го добил целиот свет". Говорејќи го ова, св. Теодора не го кажувала ниту од книга ниту од туѓа приказна, туку врз основа на своето сопствено искуство. Таа седум години живеела изгонета и презрена од сите луѓе и за тоа време од искуството дознала дека Бог е сè и дека единствениот Бог е доволен за сè што ќе посака човековото срце.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за поделбата на царството на Соломона (II Лет. 11–12), и тоа:

1. како заради гревот на Соломона е поделено израилското царство;
2. како царскиот слуга Јеровоам постанал цар на 10 племиња, а царскиот син Ровоам на две племиња;
3. како се случува и денес таткото со гревот да навлекува беда на синот, а старешината на народот.

БЕСЕДА
за тоа како духот мора да се храни
со Христа за да живее

Тој шшо јаде од Мене, ќе живее ӣреку Мене (Јн. 6:57).

Така говори Господ Христос, Кој е живот и изворник на животот. Дрвото јаде земја, воздух и светлина. Ако дрвото не јаде земја, воздух и светлина, дали ќе расте и дали ќе живее? Доенчето на градите од својата мајка што јаде друго освен својата мајка? Ако не ја јаде својата мајка, дали ќе расте и дали ќе живее? Исто така и нашиот дух, ниту ќе расте, ниту ќе живее, ако не Го јаде Христа, живиот и бесмртниот. Овде не станува збор за општиот живот со кој живее природата, ниту за закржлавениот живот, што го живеат незнабожците, туку за посебен живот, божествен, вечен; за полн и радосен живот. Тој живот се дава на луѓето само со Христа и тој им доаѓа само на оние кои се хранат со Христа. Секој човек е онолку голем зависно од храната со која се храни и секој човек е онолку жив зависно со каква храна се храни. Не станува овде збор за телесна храна, бидејќи со телесна храна не се храни човековата душа, туку само човековото тело. Луѓето се разликуваат и по телесниот раст и по животот, но таа разлика е сосема мала. Разликата, пак, во духовниот раст и животот меѓу луѓето е огромна: додека едни луѓе со растот на својот дух одвај се издигнуваат над земјата, дотаму други се возвишуваат до небесата. Разликата помеѓу Ирода и Јована Крстител зар е помала од разликата меѓу царот и ангелот? Додека првиот и со тело и со дух се влече по земјата и со злосторство го брани својот престол на земјата, вториот, со телото стои на каменот во пустината, а со духот се издигнува на небесата помеѓу ангелите.

О браќа мои, да го воздигнеме својот дух кон небесата, каде што Господ Христос седи на престолот на вечната слава и да го храниме и да го напојуваме својот дух и своето срце со Него, со чист и семоќен живот. Така само ќе се удостоиме да бидеме Негови сонаследници во царството небесно.

Исусе Господи, вистински наш Боже, наша слатка храно и наш човекољубив Хранителу, не оттргнувај нè од Твоите божествени гради затоа што сме слаби и нејаки. Храни нè со Себе, о Милостив наш Хранителу. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

13 СЕПТЕМВРИ

1. Осветувањето храмот на Христовото Воскресение. Кога св. царица Елена го нашла Крстот Господов во Ерусалим, во таа прилика се задржала подолго во св. град и изградила црква во Гетсиманската Градина, во Витлеем, на Елеонската Гора, како и на други места, познати по животот и работата на Господ Исус Христос. А на Голгота, каде што и го нашла Чесниот Крст, почнала да гради огромна црква под чиј покрив се наоѓало и самото лобно место каде што Господ бил распнат, како и она каде што бил погребан. Св. царица сакала да ги соедини под еден покрив и местото на Неговото страдање и местото на Неговата слава. Но Елена се претставила на Господа пред тој величествен храм да биде завршен. Кога храмот бил завршен, токму таа година Константин ја празнувал триесетгодишнината од своето царување. И така и осветувањето на храмот и празнувањето на царевиот јубилеј било во еден ист ден, на 13 септември 335 година. Во тоа време во Тир се одржувал помесниот собор на епископи. И овие епископи, како и многу други, се затекналеле во Ерусалим на торжественото осветување на храмот на Воскресението Господово. И тогаш се востановил тој ден како ден на победа и триумф на Црквата Христова, празнично да се споменува секоја година.

2. Свешт-мч. Корнилиј стотник. Римјанин и офицер римски во Кесарија Палестинска. Крстен од апостол Петар согласно небесното откровение (Д.а. 10:1). Тој бил првиот од незнабожците кои стапиле во Црквата Божја. Дотогаш некои мислеле дека Црквата Христова е само за Евреите и за оние кои ќе го примат еврејското обрезание. Крстувајќи се Корнилиј, оставил сè и тргнал по апостол Петар. Овој апостол подоцна го поставил за епископ и го испратил во незнабожечкиот град Скипсеосис, каде светиот Корнилиј претрпел многу бесчестија и мачења заради Христа, но со силата Божја го урнал храмот на Аполон и го крстил кнезот на тој град Димитриј, како и 277 незнабожци. Дознавајќи го од Бога денот на својата смрт, тој ги повикал сите христијани, ги посоветувал, се помолил на Бога за нив и мирно Му се претставил на Господа во чесната старост. Со време, неговиот гроб бил заборавен и запуштен. Но светецот му се јавил на епископот Троадски Силуан и му го објавил гробот свој и му наредил тука да подигне црква. Епископот тоа го

извршил со помошта од богатиот граѓанин Евгениј. Од моштите на св. Корнилиј се случиле многу чуда.

3. Св. мч-ци Макровиј и Гордијан. Од Пафлагонија. Прво биле царски ризничари, но кога се објавиле за христијани, царот ги протерал во Скитија каде биле фрлени во оган во местото Нов Дунавец во 320 година.

4. Св. мч-чка Кетевана. Царица Кехетинска. Пострадала како христијанка од шеикот Абас во 1624 година. По наредба на шахот, на главата ѝ е ставен вжештен котел. Нејзиниот син Тејмураз, царот Грузиски, ги положил нејзините мошти под престолот на храмот во Аливерд во Грузија.

5. Преп. Јеротеј. Родум од Пелопонез, од селото Каламата. Се подвизувал во Иверскиот манастир во Св. Гора. Се одликувал со голема световна ученост и со строгиот монашки подвиг. Се трудел да го исполни правилото на св. Арсениј: „На монахот му е доволно и еден час спиење во текот на 24 часа". Се упокоил на островот Јур во 1745 година. Моштите му се чудотворни. Од моштите, во Иверскиот манастир му се чува главата. Од допирот на неговите св. мошти во Цариград една слепа жена прогледала.

РАСУДУВАЊЕ

Што станува со гонителите на Христовата црква? Прашајте го Савлета, гонителот на црквата, што се случило со него. *Тешко е за тебе да се риташ против бодило,* му рекол Господ на Савлета (Дела 9:5); и Савле се крстил и постанал Павле. Што станало со Ирод, првиот гонител на христијаните? Што било со Јулијан Отстапник? Умрел со зла смрт, а неговите напори против Христа се разбиле во ништо како чад. И така низ сета историја, едни гонители се обраќале во христијани, а други загинувале, додека напорите и на едните и на другите се разбивале како чад. Царот Адријан, покорувајќи го Ерусалим, сакал да им се одмазди не само на Евреите, туку и на христијаните, бидејќи не разликувал христијани од Евреи. Евреите ги расеал по целиот свет, а на местото каде што бил Соломоновиот храм подигнал идолски храм. Покрај тоа, Ерусалим го нарекол Елија, според своето име, и забранил тој град било од кого да се нарекува Ерусалим. На Голгота подигнал храм на нечистата Венера, на гробот Господов храм на Зевс, а во Витлеем храм

на Адон. Колку тажно се чувствувале тогашните христијани гледајќи ги своите светињи така обесветени? Но што се случило на крајот? Царот Адријан погинал со зла смрт, незнабожечките храмови за времето на цар Константин и царица Елена биле разурнати, а на нивно место биле подигнати прекрасни христијански храмови, кои и до денес постојат. *Тешко е за тебе да се риташ против бодило.* О колку е очајно и безнадежно секое војување против Христа.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за залудноста на човечките напори наспроти волјата Божја (II Лет. 12), и тоа:

1. како се отцепиле десетте племиња и го зеле слугата на Соломона за цар;
2. како Ровоам подготвил војска да војува против Јеровоам;
3. како Бог го одвратил велејќи му преку пророкот: „Јас наредив така да биде“.

БЕСЕДА

за тоа како сведокот го мрази сведокот на својот грев

Светов вас не може да ве мрази, а Мене Ме мрази (Јн. 7:7).

Зошто светот Го мрази Христа Господа? Тоа самиот Господ веднаш го објаснил: *оти Јас сведочам за него, дека делата му се лоши.* Луѓето никого толку не го мразат колку сведокот на своите гревови. Оттука и најголемите злодела во светот се прават ноќе, во темнина. Зар Бог не гледа ноќе, во темнина? Бог гледа, навистина, но злосторниците не Го гледаат Бога. И ако некои од нив и малку веруваат во Бога, тие сепак мислат, според недоволната просветеност, дека мракот е завеса помеѓу луѓето и Бога. Господ Христос јасно открил дека Бог сѐ гледа и дека никаков мрак не може да го спречи окото на Неговиот поглед. Он ги гледал луѓето во далечината како Натанаил под смоквата. Он ги видел магарицата и магарето во другото село. На неговиот поглед не

му пречела пространата далечина. Он го предвидел одрекувањето на Петар, предавството на Јуда, Својата смрт и воскресението, разорувањето на Ерусалим, вечноста на Својата црква, страдањето на Своите следбеници, и случувањата на крајот на времињата. На неговиот поглед не му пречела временската оддалеченост. Но што да набројуваме? Што е поскриено од човечкото срце? Зар срцето не е скриено со дебелата завеса на телото? И зар помислите во срцето не се уште поскриени од срцето? Па тој сепак проѕирал во темнината на човечкото срце и ги читал човечките помисли во срцето. *Зошто мислите лошо во срцата ваши* (Мт. 9:4)? Какво чудо е, браќа, од таков сведок да се плашат сите оние кои мислат зло и прават зло? Какво чудо е што Го мразеле злосторниците?

Светот не може да ве мрази. Кого? Сите вие кои учествувате во лошото во светот и кои заради вашето учество не смеете да сведочите против светот и она што го знаете. Оние кои се плашат од луѓето, како ќе сведочат против луѓето? Оние кои бараат слава од луѓето, како смеат да си навлечат негодување на луѓето против себе?

О браќа мои, подобро ќе ни биде светот да нè мрази а Христос да нè љуби отколку целиот свет да ве сака и да ве слави, а Христос да го одвраќа Своето лице од нас говорејќи ни: *не ве познавам.* Ако светот нè мрази, да се утешуваме со зборовите на Спасителот: *Знајте дека Мене светот уште пред вас Ме намрази* (Јн. 15:18).

О благословен Господи, Источнику на секој благослов, поткрепи го нашето срце да не се плаши кога светот мрази. Само Ти благослови нè нас и љуби нè, Спасителу благ. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

14 СЕПТЕМВРИ

1. Воздвижение на Чесниот Крст – КРСТОВДЕН. На овој ден се празнуваат две случувања во врска со Чесниот Крст Христов: прво пронаоѓањето на Чесниот Крст на Голгота, и второ, враќањето на Чесниот Крст од Персија повторно во Ерусалим. Обиколувајќи ја Светата Земја св. царица Елена намислила да го побара Чесниот Крст Христов. Некој старец Евреин, по име Јуда, единствен го знаел местото каде што се наоѓал Крстот, па присилен од царицата изја-

вил дека Крстот е закопан под храмот на Венера, кој бил подигнат на Голгота од царот Адријан. Царицата наредила, та го разурнале тој идолски храм, па копајќи во длабочина нашле три крста. Додека царицата била во недоумие како да го распознае Крстот Христов, покрај тоа место поминувала поворка со мртовец. Тогаш патријархот Макариј рекол да ги ставаат крстовите на мртовецот со ред, еден по еден. Кога ги ставиле првиот и вториот крст, мртовецот лежел непроменето. А кога го ставиле на него и третиот крст, мртовецот оживеал. По тоа познале дека тоа е чесниот и животворен Крст Христов. Потоа го ставиле и на една болна жена и жената оздравела. Тогаш патријархот го воздигнал Крстот, сиот народ да го види, а народот со солзи пеел: „Господи помилуј!" Царицата Елена направила ковчег од сребро и во него го положила Чесниот Крст. Подоцна царот Хозрој, освојувајќи го Ерусалим, одвел многу народ во ропство и го однел Крстот Господов во Персија. Во Персија Крстот лежел 14 години. Во 628 година грчкиот цар Ираклиј го победил Хозроја и со слава го повратил Крстот во Ерусалим. Влегувајќи во градот, царот Ираклиј го носел Крстот на својот грб. Но одеднаш царот застанал и не можел ни чекор да направи. Патријархот Захарија го видел ангелот кој му попречувал на царот во раскошната царска облека да оди под Крстот и тоа по оној пат по кој одел Господ бос и понижен. Тоа видение патријархот му го објавил на царот. Тогаш царот се соблекол, па во бедна облека и босоног го зел Крстот, го изнесол на Голгота и го положил во храмот на Воскресението, на радост и на утеха на целиот христијански свет.

2. Св. Плакила царица. Сопруга на царот Теодосиј Велики. Била вистинска христијанка и според умот и според делата. Особено се одликувала со помагање на бедните и на болните луѓе. Кога некои луѓе ѝ зборувале дека тоа не се совпаѓа со царското достоинство, таа одговорила: „На царскиот повик му доликува да помага со пари; моите, пак, лични трудови околу тие што немаат ништо јас Му ги давам на Оној Кој благоволи да ми го даде на мене тој позив". Се упокоила мирно во 400 година.

3. Преп. мч. Макариј Солунски. Ученик на св. Нифонт, патријарх во времето кога овој се бавел со подвигот безмолвие во ман. „Ватопед". Макариј жеднеел по мачеништво за Христа Господа и го замолил св. Нифонт за благослов. Прозорливиот патријарх, видувајќи дека тоа е Божја волја, му го благословил патот на маченииштвото. Макариј

отишол во Солун и во една група Турци почнал да зборува за Христа како за единствен и вистинит Бог. Турците го претепале и го фрлиле во темница. Кога го извеле на суд, Макариј им викнал на Турците: „О кога вие би ја познале Вистината и би се крстиле во името на Отецот и Синот и Светиот Дух!“ Турците му ја отсекле главата во 1527 година. Во тој час св. Нифонт видел со духот од „Ватопед“ и му ја објавил на монахот маченичката смрт на Макариј, велејќи: „Да знаеш, чедо, дека твојот собрат Макариј заврши денес маченички и дека се вознесува на небото славејќи и радувајќи се со Господа. По молитвите негови да даде Бог и ние да се удостоиме со блаженството“.

4. Преп. Марија Тарсиска. Живеела сосема развратно. Двајца монаси, патувајќи преку Тарс, отседнале во гостилницата каде што Марија го извршувала блудот. Кога им пристапила на монасите, тие ја укориле и ја оттурнале како нечиста. Таа одеднаш се покајала и се зарекла во тој час дека никогаш повеќе нема да греши. Монасите ја зеле и ја одвеле во женски манастир во којшто Марија до староста се подвизувала Се удостоила со чудотворството и за време на животот на земјата.

РАСУДУВАЊЕ

Како што се пали свеќата од свеќа, така и доброто дело се разгорува од друго добро дело. Некој патрициј сакал на црквата да ѝ подари еден златен крст, па повикал млад и искусен златар, му дал злато по мерка и му нарачал да изработи крст каков што сакал. Сиромавиот златар кога видел колкава жртва прави патрицијот заради својата душа, се разгорел со срцето кон Бога, па решил и тој на златото од патрицијот да додаде уште десет свои златници. Кога бил готов крстот, патрицијот го измерил крстот и видел дека тој е потежок од она злато што му го дал на младиот златар. Веднаш почнал да го кара златарот, нарекувајќи го крадец и велејќи му дека сигурно му скрил од неговото злато наместо злато му ставил некаков друг тежок метал. Кога момчето го видело разлутениот патрициј, тогаш тоа му го исповедало своето дело. „Приложив и јас од моето злато како онаа вдовица со двете лепти, та и јас да примам со тебе награда од Христа“. Кога го слушнал тоа, патрицијот се разнежил со

срцето и му рекол на чесното момче: „Од денеска те земам како свој син и наследник на целиот мој имот“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за престапот на Јеровоам и Божјата казна (II Лет. 12–13), и тоа:

1. како Јеровоам излил две златни телиња и наредил народот да им се поклонува како на богови;
2. како пророкот му објавил на Јеровоам за Божјото негодување и чудесно го растурил олтарот пред идолите;
3. како Јеровоам ја пружил раката кон пророкот, но раката му се исушила и дури по молитвата на пророкот му оздравела.

БЕСЕДА
за вистината на Христовото сведоштво

Макар шшо сведочам Сам за Себе, Моешо сведошшво е вис-шинско (Јн. 8:14).

Светлината навистина сведочи кога сведочи за постоењето на Сонцето и таа не лаже. Исто така и Господ Исус навистина сведочи за она што го сведочи. Он слегол помеѓу луѓето како небесен Сведок за да го посведочи постоењето на триединиот Бог, постоењето на светот на ангелите и на душите, на љубовта Божја кон луѓето, на Промислата Божја за луѓето, силата на правдата над неправдата, моќта на вистината над лагата, блажената бесмртност на праведниците и вечната мака на грешниците, воскресението од мртвите, Судот Божји и уште многу останато што луѓето под завесата на гревот само бледо го гледале, не знаејќи цврсто да веруваат. А пред сè, да посведочи дека Он е Син на живиот Бог, еднаков на Својот Отец по битие, по сила, по љубов и еднаков на Светиот Дух Божји. Затоа што Сведокот морал прво за Себе да посведочи за да може на Неговите сведоштва, односно на другите тајни да им се поверува. Од гледиште на чиста и непроменлива вистина секое Христово сведоштво е вистинско. За Бога, за ангелите Божји, за праведниците, за вечноста и за времето, Неговото сведоштво е

вистинско и затоа Он вели: *Моето сведоштво е вистинско.* Но за помрачените умови на закоравените грешници, тоа сведоштво не е вистинско, па затоа Он порано им рекол на Евреите: *Ако Јас сведочам Сам за Себе, сведоштвото Мое нема да биде вистинско* (Јн. 5:31). Односно, тоа не е вистинско за вас Евреите, но самото по себе тоа е вистинско.

О Господи преблагословен, Исусе Сине на живиот Бог и единствен Спасителу наш, избави нѐ од немоќта на грешниот ум и од лошотијата на грешното срце. Осветли нѐ со светлината на Твоите зборови што се вечно вистински. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

15 СЕПТЕМВРИ

1. Св. мч. Никита. Родум од Гот; ученик на епископот Теофил Готски, кој учествувал на Првиот вселенски собор. Кога Готскиот кнез Атанарик почнал да ги мачи христијаните, тогаш св. Никита застанал пред кнезот и го разобличил поради безбожништвото и нечовечноста. Мачен со страшни маки Никита сѐ поцврсто ја исповедувал верата Христова и Му се молел на Бога со благодарност. Неговиот ум непрестајно бил воздигнат и вдлабочен во Бога, а на градите под облеката имал икона на св. Богородица со предвечниот Младенец Христос, Кој стоел и држел крст во Своите раце. Оваа икона св. Никита ја носел затоа што св. Богородица му се јавила и го утешила. Најпосле мачителот го фрлил Христовиот војник во оган, во кој св. маченик издивнал, но телото негово останало неповредено од огнот. Неговиот другар Мариан го пренесол неговото тело од Готската земја (Влашка и Бесарабија) во Киликија, во градот Мопсует, каде што му изградил црква на св. Никита и ги положил во неа чудотворните мошти на маченикот. Пострадал и се прославил во 372 година.

2. Преп. Филотеј. Од селото Мирмикс или Мравин, во Мала Азија. Мајка му се викала со исто име, само наопаку: Теофила. Бил презвитер и уште за време на животот бил голем чудотворец. Во една прилика претворил вода во вино, во друга прилика умножил леб. Се упокоил во Господа во X век. Од неговите свети мошти истекувазло свето миро.

3. Св. мч. Порфириј. Родум од Мимос. Прво ги исмевал христијаните пред царот Јустинијан Отстапникот. Та-

ка, еднаш, изигрувајќи ја христијанската тајна крштение, тој се потопил на бината во вода, изговарајќи ги зборовите: „Во името на Отецот и Синот и Светиот Дух!“ Кога излегол од водата, тој извикнал: „Сега сум христијанин!“ Сите мислеле дека тој како актер се шегува, како и секогаш, но тој останал при своето, престанал да го исмејува христијанството и на крајот пострадал за Христа. Бил обезглавен во 361 година и се преселил во Царството Христово.

4. Св. мч-ци: Теодот, Асклиад и Максим. Трачани, познати по род. Пострадале за Христа близу до Филиопол во селото Салтис (помеѓу 305 и 311 година) и се преселиле во Царството небесно.

5. Св. Висарион архиеп. Лариски чудотворец. Основал манастир на Спасителот во Лариската епархија. Прославен е со чудата и за животот и после смртта.

6. Св. новомч. Јован Критски. Пострадал за верата Христова од Турците во Ефес во 1811 година.

7. Св. Јосиф еп. Алавердски. Еден е од оние 12 отци сириски (види, 7 мај) кои биле упатени во кавкаските предели да го проповедаат *Евангелието*. Св. Јосиф мирно се претставил пред Господа во 570 година. Неговите чудотворни мошти му почиваат во Алавердската соборна црква.

РАСУДУВАЊЕ

Бог не дозволува потсмевање. Потсмевачите, Бог, или ги казнува за да се поправат, или ги прави како оние, на кои што им се потсмеваат. Св. Порфириј прво се прославил меѓу незнабожците како потсмевач на христијанството. Еднаш тој се потсмевал на христијанската тајна крштение пред царот Јулијан Отстапник и неговата придружба. Кога Порфириј се потопил во водата и ги изрекол зборовите дека се крштава во името на Светата Троица, наеднаш во него се променил духот и тој навистина постанал христијанин. И наместо потсмевање на верата христијанска, тој почнал да го изобличува царот заради неговото идолопоклоничко нечестие. Затоа бил мачен и бил убиен. Слично му се случило и на некој забавувач Генес, веројатно во времето на царот Диоклецијан. Генес изигрувал христијанско богослужение пред насобраниот незнабожечки народ и ги развеселувал со своето потсмевање и досетките. Но наеднаш се променил и

извикал пред народот: „Јас верувам и сакам да се крстам". Гледачите прво помислиле дека и тие негови зборови се некаква негова шега, но тој започнал да ја повторува својата вера во Христа. Кога пред судот и пред самиот цар останал цврст при својата вера во Христа, тој бил мачен и убиен. Така Христовите потсмевачи стануваат маченици за Христа.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Божјата казна над еден непослушен пророк (II Лет. 13), и тоа:

1. како на тој пророк му било заповедано од Бога да не јаде и да не пие ништо во идолопоклоничкиот Ветил;
2. како пророкот не го послушал Бога, та јадел и пиел;
3. како на враќањето го растргнал лавот.

БЕСЕДА

за двојното сведочење на Синот Божји

Јас сум шѿо сведочам за Себе, и Оѿецоѿ, Кој Ме ѿраѿи, сведочи за Мене (Јн. 8:18).

Во законот пишува дека се потребни двајца сведоци за да се докаже нешто. На неверните Евреи Господ прво им ги покажал трите сведоштва за Себе: на Отецот, на Своите дела и на ***Свеѿоѿо ѿисмо*** (5:36–39). Пота, по многуте Свои чуда и по опширното искажување на Својата наука, Он им рекол дека единствено Неговото сведоштво за Него е вистинско и доволно (8:14). Најпосле, пак им истакнува две сведоштва, Своето и на Отецот, според законската потреба од двајца сведоци. Така Господ им ја затвора устата на неверниците на сите начини и не им остава никаква оддишка, освен злосторот на убиството, кон кој прибегнуваат сите оние кои не дозволуваат со никакви причини, ниту со било какви докази да се убедат во вистината. Во последниот случај, каде што Господ го истакнува Своето сведоштво за Себе и сведоштвото на Својот Отец, Он сака да ја покаже и Својата ипостасна самостојност и еднаквоста со Отецот во битието. Имено, Он го става Своето сопствено сведоштво

заедно со сведоштвото на Бога Отецот. Дека ова толкување е точно потврдуваат и следните зборови: „Ако Ме знаевте Мене, ќе Го знаете и Мојот Отец“. Овде е изразено потполното суштествено единство на Отецот и Синот и не преостанува ни најмалку сомнеж дека Господ мисли на Својата битна еднаквост со Својот Отец. Станува збор за божествената природа, а не за телесната. Кој и да ја замислува Светата Троица како три телесни битија, многу ќе се прелаже. Телесно му се јавил на светот заради спасението на светот само Синот Божји, а никако Отецот и на Светиот Дух. Според Својата божествена природа, пак, Синот во тело останал еднаков на Отецот на Светиот Дух. Он облекол човечка природа и ѝ ја додал Својата божествена природа од љубов кон луѓето за да може да ги спаси луѓето.

О Света Троице, еднобитна и неразделна, која преку овоплотениот Бог Слово си нѐ просветила и си нѐ осветила, поддржи нѐ до крајот со Својата светост, со Својата крепкост и со Својата бесмртност и спаси нѐ. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

16 СЕПТЕМВРИ

1. Св. вмч-ца Ефимија. Родум од Халкидон. Татко ѝ бил Филофрон сенаторот, а мајка Теодорисија, и двајцата благочестиви христијани. Ефимија била прекрасна девица и со телото и со душата. Кога антипот Приск устроил празник со жртвопринесување на боготАреј во Халкидон, тогаш 49 христијани се тргнале настрана од тоа нечисто жртвопринесување и се скриле. Но биле пронајдени и биле изведени пред Приска. Меѓу нив била и св. Ефимија. Кога лошиот Приск ги прашал зошто не се покоруваат на царската заповед, тие одговориле: „И на царската и на твојата заповед треба да се повинуваме, ако не се спротивни на небесниот Бог; а ако Му се спротивни на Бога, не само што не треба да им се повинуваме, туку треба да им се противиме“. Тогаш Приск ги ставил на разни маки, и тоа низ 19 дена, од ден во ден. Дваесеттиот ден ја одвоил Ефимија од останатите и почнал да ѝ ласка поради нејзината убавина за да ја придобие за идолопоклонството. Но како сите ласкања поминале залудно, наредил мачење на девицата. Прво ја мачеле на тркало, но ангел Божји се јавил и го искршил тркалото. Потоа ја

фрлиле во огнена печка, но со Божјата сила била сочувана. Кога го виделе тоа, двајца војници: Виктор и Состен, поверувале во Христа, поради што биле фрлени на ѕверовите и така славно го завршиле овоземниот живот. Потоа, Ефимија била фрлена во ров наполнет со вода и со секаква отровна гадинка; но таа ја прекрстила водата, кога влегла во ровот и останала неповредена. Најпосле била изведена пред диви ѕверови, но таа со благодарност Му се помолила на Бога и го предала својот дух. Родителите нејзини чесно го погребале нејзиното тело. Пострадала во 304 година и се преселила во вечната радост. Се споменува и на 11 јули.

2. Преп. Доротеј. Пустиник од Египет од IV столетие. Се подвизувал полни 60 години во една келија во Тиваида. Се одликувал со необично трудољубие и чудотворство. Дење им ѕидал келии на новите монаси, а ноќе плетел асури, никако не прекинувајќи ги молитвите и пеењето на псалми.

3. Св. Кипријан митр. Киевски. Родум од Трново, но српски воспитаник на Атон. Особено се бавел со преведување и препишување на книги. Покровител му бил Цариградскиот патријарх Филарет, кој, кога го запознал на Св. Гора, го зел кај себе и потоа го испратил за митрополит во Киев. Големи тешкотии и беди претрпел како митрополит, но сите ги поднесол благодушно и со својата плодотворна работа многу ѝ користел на Руската црква. Во позивот митрополитски поминал близу 30 години. Пред смртта, напишал едно проштално писмо што му било прочитано на гробот. Се упокоил на 16 септември 1406 година. Чудотворните мошти му почиваат во Успенскиот храм во Москва.

Митрополитот Филарет пишува дека Кипријан бил Србин (види, во: „Житија“).

4. Св. Лудмила. Баба на св. Вацлав кралот Чешки. Омажена за чешкиот кнез Боривој. Многу ревнувала за верата Христова и многумина преобратила во црквата од незнабоштвото. Нејзината снаа ја мразела, та испратила луѓе кои ја удавиле старицата Лудмила. Вацлав го погребал телото на Лудмила во црквата на св. Георгиј во Прага. Од нејзините мошти се случиле многу чуда. Пострадала во Течино во 927 година. Св. Вацлав, кој бил голем поборник за православната вера, бил убиен од неговиот брат Болеслав.

РАСУДУВАЊЕ

Честопати нас нè снаоѓаат беди и ние залудно се прашуваме зошто? Само Христовата Црква знае да ја објасни причината на секоја беда. Црквата сите беди ги поделува на две групи: едни, кои го снаоѓаат грешникот заради стари и непокаени гревови, а други, кои го напаѓаат праведникот и служат, според зборовите на Златоуст, „Како причина за добивање на венец, како што тоа е случај со Лазар и со Јов". Царицата Евдокија тајно се согласувала со ереста на Евтихиј, слушајќи ги во тоа советите на подмолниот евнух Христафиј. Но одеднаш ја снашло беда. Еден ден, нејзиниот маж Теодосиј ѝ донесол на царицата јаболко со необична големина. Царицата го испратила јаболкото на болниот сенатор Павлин, а овој од љубов кон царот, истото јаболко му го испратил на царот Теодосиј. Тоа му дало повод на царот да се посомнева во недозволени односи на својата жена со сенаторот. Тогаш царот ја прашал царицата каде ѝ е јаболкото? Царицата го измамила и рекла: „Го изедов!" Тоа уште повеќе го потврдило сомневањето на царот и тој ја изгонил Евдокија во Палестина. Со времето, Евдокија се излекувала од ереста и по совет на големите палестински духовници потполно се вратила во православието. Бедата на царицата не дошла заради било какви недозволени односи со Павлин, во тоа царицата била потполно невина, туку заради нејзиното еретичко настроение. Друг и подруг случај: царот Маркијан, како војвода, патувајќи во близина на Филипополе, видел еден труп на убиен човек на патот и од чисто милосрдие се симнал од коњот и почнал да го погребува трупот. Тогаш некој поминал, го видел и го испратил војводата на суд како убиец. Маркијан требало да биде казнет со смрт, но наскоро, со Божја промисла, се појавил вистинскиот убиец. Оваа беда спаѓа во другата група – „здобивање на венец". Војводата Маркијан наскоро потоа бил избран за цар.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната Божја судбина во поглед на луѓето (II Лет. 14), и тоа:

1. како се разболел и умрел синот на Јеровоам за казна на таткото богоотстапник и за свое спасение;

2. како останатите чеда на Јеровоам загинале и биле изедени од пците во градот или од птиците во полето.

БЕСЕДА
за властодржецот Господ

Имам власт да ја дадам (душата) и власт имам пак да ја примам (Јн. 10:18).

Божествената моќ на нашиот Господ Исус Христос се покажала и во потполната Негова власт над самиот Себе. Кога би можела божествената моќ да се оддели од божествената љубов, тогаш за Христа би можело да се рече: Он можел и да се овоплоти и да не се овоплотува; исто така: Он можел да умре и можел и да не умре. Но Он се овоплотил заради Својата божествена љубов кон луѓето; и според таа иста неискажана љубов Он Себе се предал на смрт, *како добар пастир за своето стадо*. Човекот кој самиот себе ќе се убие нема власт над својата душа, и не се убива себе според своја власт, туку според власта на гревот или ѓаволот, или според власта на било какви тешки околности. Исто така, човекот кого други ќе го убијат, нема власт над својата душа, ниту за својата душа може да каже пред убијците: *Имам власт да ја дадам*, бидејќи тој мора да ја даде и не сакајќи. Само Господ Исус можел тоа да го рече во присуство на Евреите, Своите убијци: *Имам власт да ја дадам*. Имајќи ја таа власт, Он можел со едно чудо, лесно за Себе, да направи сите Евреи да изгинат пред да го распнат. Но Он однапред ги гледал спасоносните плодови од Својата смрт, па затоа доброволно и се предал за да биде убиен.

И власт имам пак да ја примам. Со овие зборови Он го навестува Своето воскресение. Според Својата божествена власт, Господ умрел и воскреснал.

О Господи семоќен и човекољубив, колку убаво си го устроил човечкото спасение според Својата божествена моќ и љубов. Помогни ни, о помогни ни, само да го усвоиме тоа спасение. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

17 СЕПТЕМВРИ

1. Св. мч-чки: Вера, Нада, Љубов и мајка им Софија. Живееле и пострадале во Рим, во времето на царот Адријан. Мудрата Софија, како што и самото име кажува (*софија – мудрост*), останала вдовица и како христијанка добро се утврдила и себеси и своите ќерки во верата Христова. Во времето кога мачителската рака Адријанова се пружила и на добродетелниот дом на Софија, Вера имала 12, Нада 10, а Љубов 9 години. Изведени пред царот, сите четири, држејќи се за рака „како исплетен венец", смирено, но решително ја исповедале верата во Христа Господа и одбиле да ѝ принесуваат жртви на идолската божица Артемида. Пред страдањето, мајка им со своите совети ги поткрепувала своите ќерки за да истраат до крај. „Вашиот небесен љубител Исус Христос е вечно здравје, неискажана убавина и бесмртен живот. И кога телата ваши ќе бидат со мака умрени, Он ќе ве облече во негнилежност и раните на вашите тела ќе заблескаат на небото како ѕвезди". Сите една по една мачителот ги мачел со остри маки, прво Вера, па Нада, па Љубов. Ги тепале, ги сечеле, ги фрлале во оган и во врела смола и на крајот, една по друга со меч ги обезглавиле. Мртвите тела на своите ќерки ги зела Софија, ги однесла надвор од градот и таму чесно ги погребала. И останала на нивниот гроб три дена и три ноќи молејќи Му се на Бога, предавајќи го својот дух на Бога, итајќи во рајските населби каде што блажените души на нејзините славни ќерки ја чекале.

2. Св. мч-чка Агатоклија. Била слугинка кај некој Никола и неговата жена Павлина, кои прво биле христијани, па оставајќи го христијанството, повторно им се поклониле на идолите. Св. Агатоклија не сакала да го следи примерот на своите господари, та затоа била луто мачена и од нив и од судијата. Најпосле нејзината господарка ја умртвила, ставајќи ѝ оган на вратот. Но Бог ја прославил Својата слугинка во Своето небесно царство.

3. Св. 156 маченици. Сите Египќани. Страдале за Христа Господа во 310 година, едни од меч, други од оган. Меѓу нив биле и двајца старци, епископи: Пелеј и Нил, свештеникот Зинон, двајца славни мажи: Патермутиј и Илија. Со нив пострадал и епископот Силуан, и познатиот слеп старец Јован, кој го знаел ***Светото писмо*** напамет и напамет го читал на собирите на христијаните. Сите се овенчале

со мaченички венци и се преселиле во бесмртното Царство Христово.

4. Св. мч-чка Теодотија. Осум години поднесувала лути маки за Христа од некој хегемон Симвликиј, кој на крајот се симнал од умот. Била исечена со меч околу 230 година, во времето на царот Александар Север.

РАСУДУВАЊЕ

Владетелот кој има страв Божји и Му е верен на Бога е вистинска небеска благодат за сиот народ. Кралот Вацлав Чешки бил таков владетел. Неговата ревност кон светињата на верата и строгоста во животот не потсетуваат на древните подвижници. Денот го посветувал на државничките работи, а ноќта на молитвата. Со својот стар слуга Подивој честопати босоног во зима одел на утрена во црквата. Честопати и самиот месел и печел просфори, а особено тогаш кога сакал да се причести. Со неговата грижа се подигани многу храмови во кои секојдневно се служела Божја служба. Посебно се грижел за бедните. Бил мироъубив, но сепак бил голем и нестрашлив јунак. Кога соседниот кнез Радислав ја нападнал чешката земја, Вацлав му испратил писмо, прашувајќи го што го побудува да војува со него? Гордиот Радислав му одговорил дека тој бара Вацлав да му ја отстапи целата Чешка и својот престол. Тогаш Вацлав собрал голема војска и излегол пред својот непријател. Кога ги видел двете силни војски, тој се сожалил толку народ да изгине, па му испратил ваква порака на Радислав: „Спорот е помеѓу мене и тебе, ти сакаш да владееш со Чешка, а јас не отстапувам. Дозволи оваа работа да ја решиме со борба помеѓу нас двајцата. Зошто да има крвава битка помеѓу двете војски?“ Кнезот Радислав со согласил на двобој, но бил победен од Вацлав и на колена го молел за опростување.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за беззаконието на Јудеите и за Божјата казна (II Лет. 14), и тоа:

1. како народот и царот Ровоам правеле сѐ што е лошо пред Господа;

2. како по храмовите изградиле идоли и како во земјата имало многу златари;

3. како египетскиот цар нападнал на Ерусалим и го украл сето злато од храмот.

БЕСЕДА
за единството на битието на Отецот и на Синот

Јас и Отецот едно сме (Јн. 10:30).

Колку повеќе чуда правел Господ Исус и колку повеќе се приближувал до смртта, сè поотворено говорел за Себе. Многубројните чуда и должината на времето доволно за размислување дејствувале и на незлобните и на злобните: незлобните постанувале поприемливи за откровението на високите Божји тајни, а злобните со злобата сè повеќе се помрачувале и се онеспособувале за прием на тие тајни. Затоа злобните зеле камења за да Го убијат.

Јас и Отецот сме едно. Отецот и Синот се едно по суштината на битието, но не се едно по ипостаси, бидејќи инаку не би се викале со две имиња Отец и Син. Сите особини на битието на Отецот ги има и Синот, ги има и Светиот Дух. Но особините на ипостасот на Отецот му припаѓаат само на Отецот, а особините на ипостасот на Синот му припаѓаат само на Синот и особините на ипостасот на Духот му припаѓаат само на Духот. Но кога станува збор за божествената суштина, Синот може да рече: „Јас и Отецот сме едно"; и Отецот може да каже: „Јас и Синот сме едно"; и Духот може да каже: „Јас и Отецот едно сме и Јас и Синот сме едно".

Господ Исус единството на битието со Отецот го изразил во понатамошните зборови: *Отецот е во Мене и јас сум во Него.* Може ли појасно да се зборува за божеството на Синот? Може ли со човечкиот јазик посилно да се изрази триипостасниот Бог? Догмата за божеството на Синот, како и догмата за единството на Божјото битие се откриени и се положени од самиот Господ Исус Христос. Никој да не им обрнувам внимание на измамите на некои неверници и еретици, како самиот Господ Исус да не го објавил Своето божество, туку како божем таа догма подоцна да е истакната во црквата. Ако Христос не го објавел Своето божество, зо-

што тогаш Евреите Му рекле: *Се правиш Бог?* и зошто би станале со камења против Него?

О Господи Исусе, Сине Божји едносуштен со Отецот и Светиот Дух, помилувај нè и спаси нè со силата и добрината на Твоето Божество, сесилно и себлаго. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

18 СЕПТЕМВРИ

1. Св. Евмениј еп. Гортински на Крит. Уште од младоста со сета душа тргнал по Христа, ослободувајќи се од две тешки бремиња: од бремето на богатството и од бремето на телото. Од првото бреме се ослободил раздавајќи го целиот свој имот на бедните и сакатите, а од второто, со голем пост. И така, прво себеси се исцелил, па тогаш почнал на други да им дава исцеление. Бестрасен и исполнет со благодатта на Духот Свет, Евмениј засветлил со светлина што не можела да се скрие. Па како што е напишано: *не може да се скрие град што се наоѓа на врв планина* (Мт. 5: 14), не можел ни свети Евмениј да се скрие од светот. Го виделе луѓето и го избрале за епископ во Гортина. Како епископ тој управувал со стадото Христово како добар пастир. „Им бил татко на сираците, богатство на бедните, утеха на жалосните, исцелител на болните и прекрасен чудотворец". Со молитвата правел многу чуда: опака змија умртвил, демони изгонувал, многу болни исцелил, и тоа не само во своето место, туку и во Рим и во Тиваида. Во Тиваида со молитва испросил дожд од Бога во време на суша; и таму на крајот и го завршил својот овоземен живот и се преселил во вечните обители на својот Господ. Живеел и делувал во VII век.

2. Св. мч-чка Аријадна. Во градот Промиси во Фригија, за времето на царот Адријан живеел некој чорбаџија Тертил, незнабожец. Девицата Аријадна му била робинка, и христијанка. На денот на раѓањето на својот син, Тертил, им приредил големо жртвопринесување на идолите, на кое благочестивата Аријадна не отишла, туку останала дома молејќи Му се на вистинскиот Бог. Нејзиниот господар заради тоа се разгневил на неа и почнал да ја присилува да се одрече од Христа и да им се поклони на идолите. Бидејќи Аријадна се откажала да го стори тоа, тој ја измачувал со тепање

и со други остри маки, па ја фрлил в темница. Потоа ја пуштил од темницата и ја изгонил од куќата; но набргу се покајал што ја пуштил, та ги испратил слугите да ја фатат и да ја вратат. Аријадна веќе се оддалечила од градот. Кога ги видела гонителите, таа се помолила на Бога крај една голема карпа и карпата се разделила и ја скрила Аријадна. Слугите од тоа се збуниле, се скарале и се истепале меѓу себе, та изгинале еден од друг.

3. Св. мч. Бидзин кнез Грузиски. Пострадал за Христовата вера од шеикот Абас II заедно со своите роднини: Елисбар и Шавл во 1661 година.

РАСУДУВАЊЕ

Доколку сте го направиле тоа на еден од овие Мои најмали браќа, Мене сте Ми го направиле (Мт. 25:40), рекол Господ. Слично се случува и при давањето на милостина, како и при причестување. Во причестувањето под видот на леб и на вино ние го примаме во себе самиот жив Господ Христос. Некој човек во Цариград бил необично милостив. Одејќи по градските улици, тој им го ставал својот дар на сиромашните и веднаш продолжувал понатаму за да не ја чуе благодарноста и да не биде познат. Кога некој негов пријател го прашал како постанал толку милостив, тој одговорил: „Еднаш во црквата го слушнав свештеникот каде поучува дека кој им дава на сиромашните, тој Му дава на самиот Христос во рацете. Тогаш во тоа не поверував, бидејќи мислев како може тоа да биде кога Христос е на небесата? Но еднаш, одејќи си во својот дом, видов еден сиромав каде што стои и проси, а над неговата глава свети Христовиот лик. Тогаш некој поминал и му дал на просјакот парче леб; јас Го видов Господа како ја пружи Својата рака, го прими лебот и го благослови дародавецот. Оттогаш секогаш јас го гледам тој лик над главите на просјаците и затоа со голем страв правам милостина колку што можам".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за правдата на царот Аса и Божјата награда (II Лет. 15), и тоа:

1. како Аса извршувал правдина пред Господа и ја очистил земјата од идолите;

2. како Бог му дарувал победа над Етиопјаните и го благословил него и народот негов со секое добро.

БЕСЕДА
за воскреснатиот и живиот Господ Кој е воскресение и живот

Јас сум воскресението и животот (Јн. 11:25).

Овие свети зборови ги изрекол Господ Исус Христос. Он не само што ги кажал, туку и со дело ги докажал. Воскреснувајќи ја ќерката на Јаир, синот на наинската вдовица и својот пријател Лазар, Он докажал дека е *воскресение и живот* и воскреснувач и животодавец. Но со Своето воскресение од мртвите Он тоа најдобро го докажал. Зашто да бидеш жив и да му помогнеш на умрениот – за тоа е дозволено да се зборува; но да бидеш мртов, сохранет и три дена да лежиш во гробот и со самопомош да оживееш – за тоа не се зборувало до Христовото воскресение. Тоа е чудо над чудата и доказ на силата над секаква сила. Тоа чудо го извел нашиот Господ. Таа сила ја покажал нашиот Господ. Значи, Неговите зборови: *Јас сум воскресението и животот* се вистински, свети и утешни за сите нас, кои тежнееме кон неизбежната телесна смрт и кои се надеваме да живееме после гробот и да Го видиме нашиот Господ во слава.

Но нашиот Господ не е само воскреснувач на телата. Он е воскреснувач и на душите. Додека живеел на земјата, Он воскреснал само неколку човечки тела и безброј души. Со тоа сакал да покаже дека воскресението на душите е поважно од воскресението на телата. Без малку, сите човечки души биле мртви кога Он слегол во светот, и Он со Својата сила воскреснал безбројни и ги запоил со Својот живот. И Евреите и незнабожците со душите биле мртви и Он ги оживеал и едните и другите. Да ја оставиме, браќа, и ние грижата за воскресението на телата и да се потрудиме, додека сè уште имаме време, околу воскресението на нашите души. Бидејќи, ако нашите души не воскреснат и не оживеат преку Христа уште овде на земјата, да не очекуваме никаква радост од воскресението на нашите мртви тела во судниот

ден, на Денот на гневот. Бидејќи тогаш телата на мртвите души ќе станат не во живот, туку во вечна мака.

О Господи Исусе, наше воскресение и наш единствен животу, помогни ни со Твојата сила и со Твојата милост да воскреснеме и да оживееме преку Тебе за спасение и за живот вечен. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

19 СЕПТЕМВРИ

1. Св. мч-ци Трофим, Саватиј и Доримедонт. Во времето на царот Пров, во III век, кога со Антиохија началствувал некој си Атик, дошле во Антиохија двајца христијани, Трофим и Саватиј, обајцата угледни и чесни граѓани. Но токму во тоа време се погодило нечистото празнување и жртвопринесување на Аполон во Дафна крај Антиохија. Атик посебно се трудел сите граѓани да земат учество во тоа празнување. Па како некои ги виделе Трофима и Саватија и му јавиле на Атик дека овие странци не земаат учество во нивното празнување, Атик ги зел на суд. Кога не се одрекле од Христа, ги ставил на маки еден по еден. Откако го избил и го намачил Трофима, го испратил во Фригија кај некој Дионисиј, уште полут мачител на христијаните, а тој го извел од темница и почнал да го суди. Кога мачителот го прашал Саватија кој е и каков чин има, тој одговорил: „Чинот и достоинството мое, и татковината, и славата, и богатството е Христос Синот Божји, постојано живиот, под чија промисла стои вселената и се управува“. Затоа го тепале и го тргале, го стружеле со железо сѐ додека коските под месото не му се покажале. Во тие маки и завршил. А Трофима, мачителот Дионисиј го изложил на големи маки и го држел во темница за уште поголеми. Тогаш во темницата на Трофима дошол и му служел некој сенатор Доримедонт, таен христијанин. Кога ова го дознал мачителот, станал да ги мачи двајцата подеднакво, па најпосле ги фрлил пред ѕверови. Ѕверовите не ги допреле. Св. Доримедонт особено ја дразнел мечката, влечејќи ја за уши, за да го растргне, но мечката и покрај сето тоа се умилкувала. Мачителот на крајот наредил, та ги исекле со меч светите Трофим и Доримедонт. Душите на овие св. маченици сега царуваат на небесата.

2. Св. мч. Зосим пустиник. Некој киликиски кнез Дометијан одел на лов во планина со своите слуги. Во пла-

нината видел стар човек, опкружен со ѕверови, кротки како јагниња. Прашан кој е и што е, старецот одговорил дека му е името Зосим, дека е христијанин и дека одамна живее со ѕверовите, кои се подобри и од мачителите на христијаните во градот. Тоа го навредило Дометијана, кој и самиот бил лут мачител на христијаните, па го оковал Зосима и го испратил пред себе во Назарет, каде што сакал особено да го мачи за таму да ги заплаши оние кои веруваат во Христа. И кога целиот го изранувал и искрвавил од ударите, му врзал камен за вратот, па го подигнал на едно дрво. Кнезот му се потсмевал, велејќи: „Заповедај да дојде еден ѕвер, па и ние сите да поверуваме!“ Св. маченик се помолил на Бога и навистина се појавил огромен лав кој му пришол на Зосима и ја поттурил својата глава под каменот за да му олесни на маченикот. Во голем страв кнезот го ослободил Зосима, но овој набрзо потоа го предал својот духот во рацете на својот Господ.

3. Св. Теодор кнез Јарославски. Праведен и милостив, пред смртта примил схима и се упокоил во 1298 година.

РАСУДУВАЊЕ

И мртвите ги чувствуваат и ги познаваат добрите дела што им се прават. Во тоа христијанинот не треба никако да се сомнева. Доброто дело се шири по целиот небесен свет како електрична енергија. Некој царски чиновник Магистријан бил испратен од царот некаде по важна работа. Патувајќи, Магистријан видел некој човек мртов и необлечен. Он се сожалил, ја соблекол својата кошула, го облекол мртовецот и чесно го погребал. По извесно време, се случила несреќа со Магистријан, имено: тој паднал од коњот и си ја скршил ногата. Долго време лежел болен во својата постела. Еднаш кај него се собрале неколку лекари да се посоветуваат за неговата болест. Лекарите заклучиле дека ногата мора да се пресече. Таа ноќ Магистријан не можел да спие, туку само тагувал и плачел. На полноќ, одеднаш му се јавил некој човек и го прашал: „Зошто плачеш?“ Кога Магистријан му објаснил, тогаш непознатиот човек со раката ја истрил болната нога и таа оздравела. „Заради Бога, кажи ми кој си?“ прашал Магистријан. Тогаш непознатиот му рекол: „Погледни ме и види зар оваа кошула не е твоја? Јас сум

оној кого ти го виде гол и мртов и кого што го облече во оваа кошула. И еве, за твоето добро дело ме испрати Бог да те исцелам. Благодари Му на Бога!"

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за гревот на царот Аса и за Божјата казна (II Лет. 16), и тоа:

1. како Аса, уплашен од соседниот цар го зел Божјото злато со него да го купи за сојузник царот сирски;

2. како царот сириски, земјаќи го златото, го изневерил;

3. како Бог допуштил тешка болест на Аса.

БЕСЕДА
за Христовата тага

Душата сега Ми се нажали и што да кажам? Оче, избави Ме од овој час! Но, заради тоа и дојдов на овој час. (Јн. 12:27).

Во овој земен свет ништо пореално не влегло од Господ Исус Христос, ништо пореално како Бог и ништо пореално како човек. Навистина сиот овој свет надвор од Исуса Христа изгледа како привидение. Ни земјата, ни водата, ни воздухот, ни светлината ја немаат ни одблизу таа реалност што ја има Он. Гледај, сето тоа ќе помине, а Он ќе остане. Навистина Он е камен–темелник на еден неминлив свет и само оној или она што ќе се прилепи цврсто кон тој камен, ќе може да учествува во тој неминлив свет, во таа неминлива реалност. Бурните но немоќни бранови на времето луто удирале, и денес удираат, час по реалноста на Христовото божество, час во реалноста на Неговото човештво. Бидејќи колку труд им требало на христијаните да им ги отвораат очите на безбожниците и да го докажуваат Христовото Божество, толку им требало труд да им ги отворат очите на еретиците и да го докажат Неговото човештво. Но сезнајниот Свет Дух однапред се потрудил и преку евангелистите го подготвил оружјето на христијанските борци. *Душата сега Ми се нажали.* Зар Господ би чувствувал жалост да не бил

вистински човек подложен на сите немоќи на телесната природа, со исклучок на гревот? И не само жалоста, туку и стравот: *Оче, избави Ме од овој час!* Ова го вели човечката немоќна природа што се згрозува од смртта (бидејќи станува збор за смртта), но не грешната, туку безгрешната човечка природа зашто Господ веднаш додава: *Но, заради тоа и дојдов на овој час.* Гледате ли колку е важна смртта Христова? Ние со неа сме искупени, со неа сме спасени. Никој да не застанува единствено на Христовата наука, туку нека се пренесе и на Голгота и да ја разгледа крвавата жртва на Крстот, што е принесена за нашите гревови, за наше спасение од смрдливата челуст на змијата од адот.

О Господи Исусе, Кој си пострадал заради нас и заради нашето спасение, помилуј нè уште еднаш и уште еднаш. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

20 СЕПТЕМВРИ

1. Св. вмч. Евстатиј Плакида. Голем војсководец во времето на царот Тит и Трајан. Иако незнабожец, Плакида (така му било незнабожечкото име) бил човек праведен и милостив, сличен на капетанот Корнилиј, кого го крстил апостол Петар (Д.а., 10). Одејќи еднаш во лов, тој потерал еден елен. По Божјата промисла, се појавил светол крст меѓу роговите на еленот и му дошло глас Господов на Плакида, кој го упатувал да отиде кај христијански свештеник и да се крсти. Плакида се крстил со својата жена и со двата сина. На крштавањето тој го добил името Евстатиј, неговата жена – Теопистија (Боговерна), а нивните синови – Агапиј и Теопист. По крштавањето, Евстатиј отишол на она исто место каде што преку еленот му се јавило откровениeто и клекнувајќи, Му заблагодарил на Бога што го привел во Вистината. Во тој час пак му се јавил гласот Господов и му прорекол страдање за името Негово и го укрепил. Тогаш Евстатиј тајно го напуштил Рим со своето семејство, со намера да се повлече меѓу прост народ и во непозната и скромна средина да Му послужи на Бога. Пристигнувајќи во Египет, веднаш на него навалиле искушенија. Некој зол варварин му ја грабнал жената, а обата сина ги фатиле ѕверови и ги однесле во непознато. Но набрзо варваринот загинал, а децата му ги спасиле овчари од ѕверовите. Евстатиј се наста-

нил во некое египетско село Вадисис и тука како селски наемник проживеал 15 години. После тоа, варвари нападнале на римското царство и царот Трајан жалел затоа што му го нема храбриот војвода Плакида, кој каде и да војувал, однесувал победа. И царот испратил двајца свои офицери по целото царство да го бараат големиот војвода. По Божјата промисла, тие офицери, некогашни другари на Евстатиј, дошле во селото Вадисис, го нашле Евстатија и го довеле кај царот. Евстатиј собрал војска и ги победил варварите. На патот назад за Рим Евстатиј ги пронашол и својата жена и двајцата синови. Кога стигнал во Рим, царот Трајан умрел, а царот Адријан бил на престолот. Кога Адријан го повикал војводата Евстатиј да им принесат жртви на боговите, Евстатиј му рекол дека тој е христијанин. Царот го фрлил на мачење заедно со жената и со синовите. Но бидејќи ѕверовите не им наштетиле, ги фрлиле во вжештениот метален вол. Третиот ден ги извадиле нивните тела мртви, но од огнот неповредени. Така овој славен војвода му го дал *и на кесарот кесаревото и на Бога Божјото* и се преселил во вечното Царство на Христа нашиот Бог.

2. Св. Михаил кнез и Теодор болјарин. Кнезот Черниговски Михаил отишол во ордата татарска со својот болјар Теодор по повикот на царот Бати. Па бидејќи не сакале според татарскиот обичај да поминат низ огнот и да им се поклонат на идолите при влегувањето кај царот, биле исечени во 1244 година. Моштите нивни, сведоци на нивната маченичка смрт за Христа Господа, почиваат во Архангелскиот храм во Москва.

3. Преп. мч. Иларион. Светогорски монах, доброволно пострадал за верата Христова од Турците во Цариград на 20 септември 1804 година. Чудотворните негови мошти почиваат во црквата на св. Преображение на островот Прот.

РАСУДУВАЊЕ

Самоубиството е смртен грев и противење на Светиот Дух што дава живот. Самоубиството е пострашен грев од убиството. За гревот убиство човекот може и да се покае, додека за гревот самоубиство нема покајание. Еве два случаи на преголема неволја во кои малодушните би извршиле самоубиство и во кои светите Божји луѓе се покажале јуна-

ци. Св. Евстатиј еден ден се нашол во ваква положба: на еден брег од реката го оставил едниот син додека другиот го пренесол на другиот брег. Кога дошол до средината на реката, тој погледнал на едната страна и видел како лавот го фатил едниот негов син и го однесол; погледнал на другата страна и видел како волкот го зграбил другиот син и го однесол. Малодушниот во тој момент би се втурнал во водата и би ставил крај на својот живот. Евстатиј, исполнет со тага, не извршил самоубиство, туку со надеж во Бога проживеал 15 години како наемник. И овој трпелив човек дочекал пак да ги види своите два сина. Така Бог ја наградил неговата вера и трпението. Св. Иларион како момче бил приморан да се потурчи. Но совеста почнала луто да го мачи и тој немал никаде мир. Се повратил во христијанската вера, се замонашил, своето тело го предал на голем пост и на секаков тежок подвиг. Но душевниот мир не му се вратил. Малодушниот и маловерниот би извршил самоубиство. Но Иларион го избрал неспоредливо подобриот пат. Отишол во Цариград со својот духовен отец Висарион и не само што јавно ја исповедал Христовата вера во султановиот дворец, туку го посоветувал и агата Баш да појде во Русија и да се крсти. По маките и страданијата, ова храбро момче било убиено. И Бог го прославил на небото и на земјата. Неговите свети мошти и до денешен ден чудодејствуваат. А каде е славата на самоубијците? Каде се нивните мошти?

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за правдата на царот Јосафат и наградата Божја (II Лет. 17), и тоа:

1. како Јосафат ревнувал за вистинскиот Бог и како ги истребил идолите по целата земја.
2. како Бог му дал богатство, слава и мир и победа над непријателите.

БЕСЕДА
за единствениот Пат, Вистина и Живот

Јас сум патот, вистината и животот; никој не доаѓа при Отецот, освен преку Мене (Јн. 14:6).

Овие зборови, браќа, не се само речени, туку се и со крв залиени и со воскресението се потврдени, со Светиот Дух во срцата на верниците се всадени, и од Црквата низ векови и векови се докажани. Од сите богатства на светот луѓето најмногу го сакаат животот. Луѓето повеќе го сакаат животот, отколку вистината иако нема живот без вистина. Значи, врховно богатство е животот, а вистината е темел на животот. Кој го сака животот, мора да ја сака и вистината. Но каде е патот до вистината? *Ја сум патот*, вели Господ. Он не вели: *и јас сум пат* за некој да не помисли дека има и друг пат кон вистината надвор од Господа Исуса. Но Он не е само пат, туку и вистина и живот за никој да не помисли дека има и некоја друга вистина и некој друг живот надвор од Господа Исуса. Затоа Он се родил како човек за да им го покаже на луѓето патот. Затоа и се распнал, за со Својата крв да го одбележи патот. *Никој не доаѓа при Отецот, освен преку Мене.* Ова треба да го разберат оние кои се залажуваат со помислата дека можат да Го познаат Бога и да се здобијат со царство Божјо и без Исуса Христа. Таа лажна надеж, таа очајна самоизмама, Господ сосема им ја пресекол со горните зборови. И апостолот, кој тие зборови ги слушнал и ги запишал во *Евангелието*, ги искажува во своето послание уште и вака: *Секој што го одречува Синот, нема ни Отец* (I Јн. 2:23).

О Господи Исусе, благословен извору на благословот, навистина Ти си ни единствен пат, единствена светлина, единствена вистина, единствен живот и животодавец. Тебе Те признаваме пред луѓето и ангелите како единствен Бог и наш Спасител. Помилуј нè и спаси нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

21 СЕПТЕМВРИ

1. Св. ап. Кодрат. Еден е од седумдесетмината. Ученик на големите апостоли. Го проповедал *Евангелието* во Атина и бил прво епископ во Атина, по св. Публиј, а потоа во градот Магнезија. Бил многу учен во светската мудрост и бил богат со благодатта на Светиот Дух. Неговиот животописец вели за него: *беше како утрена ѕвезда меѓу облаци* (Сир. 50:6); облаци биле темното елинско незнабоштво, без светлината на благочестието, а св. апостол преку зборот *Божји* им засветил на Елините како голема светлина, ја осветлил темнината, ги прекинал скверните жртви, ги испокршил идолите и ги разурнал демонските храмови со молитвата. Но, темнината секогаш ја мрази светлината; така и незнабожците го намразиле светиот Кодрат. Прво го тепале со камења како некогаш Евреите св. Стефан, а потоа го фрлиле во темница и не му давале леб сè додека не ја испуштил својата света душа и додека не се преселил во Царството на Христа својот Бог. Св. Кодрат напишал одбрана на христијанството и му ја предал на царот Адријан. Таа одбрана толку дејствувала на незнабожечкиот цар, што овој наредил христијаните да не се гонат без особена вина. Св. Кодрат пострадал околу 130 година. Погребан е во Магнезија, каде што и пострадал.

2. Свешт-мч-ци Ипатиј еп. Ефески и Андреј презвитер. Двајцата другари од детство, родум од Ликија. Кога пораснале двајцата, со сета душа се предале на служба на Бога, и тоа: Ипатиј како строг монах и подвижник, а Андреј како клирик во народот и проповедник на словото Божјо. Поради големите добродетели, Ипатиј бил поставен за епископ во Ефес, а Андреј за презвитер. Обајцата пострадале во времето на иконоборниот цар Лав Исавријанин. После грозните маки за светото православие, биле обезглавени во 730 година. И двајцата преминале од овој минлив живот во животот вечен.

3. Св. Димитриј еп. Ростовски. Се празнува на 28 октомври, а на 21 септември се споменува случајот на откривањето на неговите чудотворни мошти во 1752 година.

4. Собор на Киево–печерските светители. Благословеното дело на подвижништвото што го започнал трудољубивиот и голем угодник Божји Антониј, низ вековите се развило како многуплодна маслина. Многубројните светители кои во овие Антониеви пештери засветиле како ѕвезди

се празнуваат секој посебно во својот ден; под денешнава дата, пак, се споменуваат сите соборно и се повикуваат на помош на верните.

РАСУДУВАЊЕ

Ако само со цврста решеност сме почнале да живееме по Божјиот закон, не треба да се плашиме од никакви насилства на неразумните луѓе, зашто на оној кој навистина започнал да живее по законот Божји, сѐ што се случува од луѓето се случува на негова полза, а на Божја слава. Посебно не треба да се плашиме од принудно преселување од местото што сме го засакале во место што не го сакаме. Наместо празен страв и плиткоумно лелекање, подобро е да ја испитаме Божјата намера со нас. Што му наштетила на Јосиф злобата на неговите браќа? Зар неговото насилно одење во Египѐт не го прослави, браќата зар не ги спасил од глад и зар не создал услови за чудните дела Божји преку Мојсеја во Египет и во пустината? Незнабожците и еретиците честопати ги прогонувале православните христијани во варварски предели. Што постигнале со тоа? Дали го уништиле православието? Не, туку уште посилно го утврдиле во душите на прогонетите и го рашириле помеѓу варварските народи. Злобниот еретик Луциј од Египет ги прогонил двајцата славни Макариевци со неколкумина тавенски пустиници на некој варварски остров каде што сите жители биле идолопоклоници. Но овие свети мажи со своите поуки и со примерот на живот наскоро успеале целиот остров да го покрстат. Тој остров подоцна бил наречен „Остров на покајанието“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното Божјо спасение на Ерусалим заради правдата на Јосафат (II Лет. 20), и тоа:

1. како мноштво Моавци и Амонци нападнале на Ерусалим;
2. како царот Јосафат се помолил на Бога и преку пророкот му се објавило: ова не е ваша војна, туку Божја;
3. како Моавците и Амонците помеѓу себе се испотепале и сите до еден изгинале.

БЕСЕДА
за божеството на Синот
и битната еднаквост со Отецот

Кој Ме видел Мене,
Го видел Отецот (Јн. 14:9).

Господи покажи ни го Отецот и ќе ни биде доста, рекол Филип. На овие зборови Господ Исус одговорил: *Толку време сум со вас, и не ли си ме познал, Филипе? Кој ме видел Мене, Го видел Отецот.* Така му одговорил Господ на Својот ученик. Филип сака да го види Бога со телесните очи. Три години Го гледал Христа и не Го познал како Бог. Зошто? Затоа што во тоа време, пред слегувањето на Светиот Дух, Филип гледал со телото во тело, т.е. со телесните очи и го гледал Господа Христа како човек. Тој уште не го видел божеството во овоплотениот Син Божји, а бара да го види Бога Отецот. *Кој Ме видел Мене, Го видел Отецот.* Со тоа Господ не сака да каже дека е Он Бог Отец, туку, дека Он и Отецот се едно битие. Доколку Бог воопшто можел да им се покаже на луѓето, Он им се покажал преку Бог Синот, кој им се јавил на луѓето како човек. Бог Отецот не се овоплотил. Како, значи, да го покаже Својот Отец на телесните очи на смртниот човек? Затоа, всушност, и Синот се овоплотил за со Себе да им објави на луѓето и за Себеси, и за Отецот и за Светиот Дух, едносушното Божество, троично по ипостас. *Кој Ме видел Мене, Го видел Отецот.* Господ овде мисли на својата божествена природа. Во тоа Он е потполно еднаков и еднобитен со Отецот. И Филип да можел во тоа време да ја види божествената природа Христова, тој не би го ни поставил тоа барање: *покажи ни го Отецот*. Секако, тој не можел да ја види божествената природа, што е духовна и невидлива, и тоа јасно да ги види големите дела Христови како пројава на Неговата божествена природа. И денес, браќа, некои луѓе велат: *Покажете ни го Бога, па ќе веруваме*! Речете им: *Еве, ние ви го покажуваме Господа Христа, верувајте*! Деветнаесет векови исполнети со Неговата слава, со чудата, со силата, со благодатта, со милоста, со светителите, со маченицитe! И уште малоумните прашуваат: *Каде е Бог?*

О Христе Господи, Боже наш, отвори им ги духовните очи на оние кои уште не ја гледаат величината на Твојата слава. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

22 СЕПТЕМВРИ

1. Свешт-мч. Фока еп. Синополски. Уште од младоста се подвизувал во сите христијански добродетели. Како епископ во своето место на раѓање, во Синоп, на брегот на Црното Море, со пример и зборови божествени ги утврдил правоверните и обратил во правата вера мнозина незнабожци. Скаменетите незнабожци биле исполнети со гнев на светиот Фока. И Господ му го предочил маченичкиот крај на Фока преку една визија. Имено, Фока видел светол гулаб како слетал од небото, носејќи во својата уста прекрасен венец од цвеќе и како го спуштил венецот на неговата глава. И Фока чул глас од гулабот: „Чашата твоја се исполни и треба да ја испиеш!“ Од таа визија угодникот Божји дознал дека треба наскоро да пострада за Христа. И не се уплашил, туку со благодарност кон Бога се подготвувал за маките. Наскоро потоа, некој кнез Африкан го зел Фока на измачување, наложил на него остри маки; сето тело му го избил и изранил, па по затворот го фрлил во зовриена вода во која храбриот Христов војник го завршил овоземниот живот и се преселил во радоста на својот Господ. Пострадал во времето на царот Трајан.

2. Св. пророк Јона. Живеел повеќе од 800 години пред Христа. Во неговиот животопис се вели дека тој ѝ бил син на вдовицата од Сарапета Сидонска, кого пророкот Илија го воскреснал од мртвите. Со своето тридневно престојување во утробата на китот св. Јона го предизобразил тридневниот престој на Христа во гробот, а неговото опасение од утробата на китот – воскресението на Господа од мртвите. Сето останато за овој прекрасен пророк треба да се прочита во книгата на пророкот Јона.

3. Св. мч. Фока бавчанџија. Од местото на свештено–маченикот Фока. Во Синоп, близу до Црното Море, Фока имал бавча што сам ја обработувал. Од плодовите на својата бавча тој ги гостел сите што поминувале покрај бавчата и не пропуштал и душата да им ја нагости со словото Божјо. Но за него чул кнезот мачител на христијаните и испратил

војници да го убијат. Фока ги нагостил војниците така срдечно, што тие се воздржувале да го убијат. Но, по негова молба, тие ја извршиле наредбата и му ја отсекле главата. На тоа место, а врз неговите чудотворни мошти, наскоро е подигнат храм со неговото име. Светиот Фока особено го почитуваат морнарите и на помош го повикуваат сите патници по морето. Пострадал во 320 година.

4. Преп. Козма Зографски. Потекнува од бугарско благородно семејство. Кога родителите сакале да го оженат, тој побегнал во Св. Гора. Бил отшелник и чудотворец. Се подвизувал во една пештера близу до манастирот „Зограф". Во повеќе наврати му се јавила св. Богородица. Бил најголем зографски подвижник и чудотворец. Страшната келија во која што Козма со молчание се подвизувал и се борел со демоните постои и денес северозападно од манастирот „Зограф". Видовито гледал со духот и опишувал случувања во далечината на времето и просторот. Завршил во старост на 22 септември 1323 година и по многу тешкиот живот се преселил во радоста на својот Господ.

5. Св. Петар Милостив. Угодник Божји од VI век.

6. Св. Јона презвитер. Татко на св. Теофан, пишувачот на канони и св. Теодор Начертаниот. Бил чудотворец. Завршил во манастирот на св. Сава Освештен во IX столетие.

РАСУДУВАЊЕ

Кога човекот јасно ќе ја осети Божјата милост кон себе, се разбудува како од тап и бесчувствен сон и се засрамува од своето долготрајно слепило кон непрестајното Божјо милосрдие. Во времето на царот Јустинијан, главен царски собирач на данокот бил некој Петар, многу богат човек, но многу цврст и немилостив. Еднаш просјаците се расправале како ниеден од нив никогаш не добил милостина од Петра. Тогаш еден од просјаците се опкладил дека тој ќе успее да испроси некоја милостина од Петар. И отишол, па го молел за милостина сè додека овој во лутина не го удрил со еден леб затоа што немал ништо друго при рака. Радосен просјакот го зел лебот и побегнал. Веднаш потоа Петар одненадеж се разболел тешко и имал ваква визија: на оној свет се видел себеси измачуван од демоните. На една страна од терезијата демоните ги натрупувале гревовите на Петар, и страната со-

сема натежнала; на другата страна стоеле ангелите натажени што немаат ниедно добро дело во животот на Петар да го стават на другата, празната страна од терезијата. Еден од ангелите рекол: „навистина нема што да ставиме, освен лебот, со којшто пред некој ден Петар го удрил просјакот“. Тогаш ангелите брзо ставиле еден леб на празната страна од терезијата и тој еден леб натежнал на другата страна од терезијата со сите гревови на Петар. Кога визијата завршила, Петар си рекол самиот на себе: „навистина ова не е привидение, туку е жива вистина, бидејќи ги видов сите свои гревови од својата младост. Па кога толку многу ми помогна еден леб што го фрлив на просјакот, колку тогаш можат да ми помогнат многубројните дела на милостина направени од сè срце и со кроткост?“ И од тогаш Петар станал најмилозливиот човек во тој град. Сиот свој имот го разделил на сиромашните. Кога завршил со имотот, тој самиот себе си се продал во ропство за 30 златници, та и оваа сума ја разделил на бедните како милостина во името Христово. Затоа бил наречен Петар Милостив.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за гневот Божји на царот Јосафат (II Лет. 18–20), и тоа:

1. како Јосафат се здружил со богоотстапниот цар Ахав и за малку не погинал;

2. како пак се здружил со царот Озија, кој правел беззаконија, и како имал голема штета;

3. како Бог не сака верниците да се поврзуваат со неверници.

БЕСЕДА
за Бога Духот Утешител

Јас ќе го помолам Отецот
и Он ќе ви даде друг Утешител за
да биде со вас довека (Јн. 14:16).

Таму каде што постои љубов, браќа, не постои заповед, туку молбата ја заменува заповедта. Кај оние кои не се љубат, молбата има поголема сила отколку заповедта. Све-

тата Троица претставува врховно царство и величество на љубовта. Исаија ја именува Светата Троица како *голем совет* (Ис. 9:6), а овоплотениот Син Божји за *чуден советник на ангелите*, т.е. пратеник. Како се сложува советот со единството Божјо? И ти си еден, па сепак се советуваш самиот со себе. Твојот ум ја прашува твојата волја: *можеш ли*? и го прашува срцето: *сакаш ли*? А волјата и срцето го прашуваат твојот ум: *умееш ли*? Па и покрај тоа внатрешно советување во тебе самиот, ти си еден единствен човек, една личност. Секако, ова е само бледа слика и сенка на Светата Троица и на нејзиниот совршен совет. Зашто во Св. Троица има потполна рамномерност и хармонија на ипостасите. Она што го сака Отецот, веднаш го сака и Синот и Светиот Дух. И *ќе ви даде друг Утешител*. Гледајте, колку Синот Божји е сигурен дека она што Он ќе го измоли и ќе се посоветува, веднаш ќе биде усвоено од Великиот божествен совет. И Отецот ќе се согласи да испрати и Духот ќе се согласи да оди. Синот Божји не вели: „Јас ќе Го замолам Отецот да ви даде, и верувам дека Он ќе ви даде", туку, *Јас ќе Го помолам и ќе ви даде*. Он знае однапред дека Отецот ќе го даде она што Он ќе го побара; Он го знае тоа, ако може така да се рече, од Своето вечно искуство. Бидејќи хармонијата помеѓу Отецот и Синот и Светиот Дух владее низ целата вечност. *Ќе ви даде друг Утешител*. Со овие зборови се открива целосно равенство на Синот и Светиот Дух. Отецот ќе ви испрати друг утешител, рамносилен со Мене, едносуштен со Мене, рамночесен со Мене. Он може потполно да Ме замени Мене на свој начин, сходно на Својата чудна ипостас, што е единствено различна од ипостасот на Синот.

О браќа мои, гледате ли како целата Света Троица зема учество во нашето спасение? Гледате ли вие чии сме? Гледате ли какво достоинство на нас смртните и грешните ни се дава?

О пресвета и преславна Троице, Боже наш, помилуј нè и спаси нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

23 СЕПТЕМВРИ

1. Зачнување на св. Јован Крстител. Во овој ден се прославува милоста, чудото и мудроста Божја; милоста – кон побожните и праведните родители на св. Јован, старе-

цот Захарија и старицата Елисавета, кои целиот живот сакале и од Бога проселе едно дете, чудото на зачнувањето на Јован во престарената утроба на Елисавета, и мудроста во домостројот на човековото спасение, затоа што Бог со св. Јован имал особено големи намери, имено, да Му биде пророк и Претеча на Христа Господа, Спасителот на светот. Преку Своите ангели Бог го објавил раѓањето на Исак од бездетната Сара, и на Самсон од бездетниот Маној и неговата жена, и на Јован Претеча од бездетните Захарија и Елисавета. Преку ангелите Свои Бог го објавувал раѓањето на оние со кои имал посебни намери. Како можеле да се родат деца од стари родители? Ако е некој љубопитен тоа да го дознае, нека не ги прашува за тоа, ниту луѓето, бидејќи луѓето тоа не го знаат, ниту природните закони оти тоа е и над природните закони, туку нека го сврти својот поглед кон силата на Семоќниот Бог, Кој од ништо го создал сиот свет и Кој за создавањето на првиот човек, Адам, немал потреба од никакви родители, ни стари ни млади. Наместо љубопитство, да му оддадеме благодарност на Бога, Кој често ни ја јавува силата и милоста и мудроста Своја надвор од природните закони, во кои заробени ние, без особените чуда Божји, би паднале во очајание и богозаборав.

2. Св. мч-чка Ираида. Некаде ја именуваат Раис или Раида. Девица од некој египетски град Ватан, значи, по сета веројатност, Египќанка. Еднаш Ираида излегла да наполни вода од бунарот близу до морето и здогледала една лаѓа наполнета со врзани христијани: свештеници, ѓакони, иноци, жени и девојки. Распрашувајќи се, дознала дека сиот тој народ го водат мачителите незнабожци на маки и во смрт заради името на Христа Господа. Во срцето на младата Ираида се разгорела желба и таа да пострада за Господа. Ги оставила садовите крај бунарот, влегла во лаѓата и исповедала дека и таа е христијанка. Веднаш и неа ја врзале со останатите и ја одвеле во египетскиот град Антинопол. По разните мачења, прво на Ираида ѝ ја отсекле главата, а потоа и на останатите. Чесно пострадала и се прославила во почетокот на IV век.

3. Св. новомч. Никола Пантопол. Како момче пострадал за верата Христова од Турците во Цариград, во 1672 година. Татко му таму се преселил од Тесалија. Па бидејќи татко му држел бакалница, затоа и тој бил наречен *Бакал*, на грчки: *Пантопол*. После многуте принудувања да се потурчи и мачењата затоа што не сакал, бил убиен и се преселил

во Царството Божјо. Моштите му почиваат во манастирот „Ксиропотам" во Св. Гора.

4. Св. новомч. Јован. Родум е од местото Коница во Албанија. Роден како муслиман од муслимански родители. Но подоцна, видувајќи ја чудесната сила на верата христијанска на разни места и во разни случаи, тој се крстил. За тоа бил обвинет и бил изведен пред турскиот суд. Бил многу мачен за верата Христова од Турците во Етолија и после маките бил погубен во 1814 година. Пред смртта извикал: „Спомни ме, Господи, во Царството Твое".

РАСУДУВАЊЕ

Кој му дава на сиромавиот, на Христа му дава. Тоа е смислата на евангелската наука што се потврдила во искуството на светителите. Кога се покајал Петар Милостив, почнал да дели милостина на сиромашните каде што ќе му се укажела прилика. Еднаш го сретнал еден бродоломник кој одвај го спасил своето голо тело при бродоломот, го сретнал и му побарал некоја облека. Петар го соблекол своето скапоцено палто и го облекол голиот. Но по кусо време Петар го видел своето палто во продавница во која трговецот го изложил за продажба. Петар се нажалил затоа што бродоломникот му го продал палтото наместо да го употреби. „Не сум достоен, си велел Петар на себе, Господ не ја примил мојата милостина". Но на сон му се јавил Господ во вид на благообразен човек, посветол од сонцето, со крстот на својата глава и со Петровото палто на себе. „Зошто си натажен, Петре?" – го прашал Господ. „Како да не сум натажен, Господи мој, кога гледам дека тоа што го давам на сиромавиот се продава на пазарот?" Тогаш Господ го прашал: „Го познаваш ли палтото на мене?" Петар одговорил: „Го познавам Господи, тоа е моето палто со што го облеков голиот човек!" Господ пак му рекол: „Тогаш не натажувај се, ти си му дал на сиромавиот, а јас сум го примил и го пофалувам твоето дело".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за гревовите на царот Јорам и казната Божја (II Лет. 21), и тоа:

1. како Јорам ги испотепал сите свои браќа и го обновил идолопоклонството по нивите и по ридовите;

2. како непријателите му ја поробиле и му ја опустошиле земјата;

3. како се разболел од тешка болест во цревата и умрел и никој не жалел по него.

БЕСЕДА
за Бога Светиот Дух Кој излегува од Отецот

А кога ќе дојде Утешителот, Кого што ќе ви Го испратам Јас од Отецот, Духот на вистината, Кој излегува од Отецот, Он ќе сведочи за Мене (Јн. 15:27).

Недостижни се длабочините на Божјото битие, браќа. Но Бог ниту сосема се скрил од нас, ниту ни открил сè. Колку што може нашата немоќ да носи, толку ни е откриено, колку што ни е потребно за спасение, толку ни е откриено. За Светиот Дух ни е откриено дека Он излегува од Отецот и со Синот се испраќа. Никој да не бара повеќе за да не падне во заблуда. Штом излегува од Отецот, значи дека е едно битие со Отецот; штом се испраќа со Синот да ја продолжи службата на Синот, значи дека е рамен на Синот. *Отецот сведочи за Мене*, рекол прво Господ Исус; а сега за Духот на вистината вели: *Он ќе сведочи за Мене*. Двајцата сведоци се еднакви, затоа Господ се повикува час на едниот, час на другиот. И Оној кој сведочел и Оној кој ќе сведочи се еднакви во битноста зашто Господ не би го оставил сведокот за иднината помал од сведокот од минатото. Така ние говориме по човечки во однос кон времето, всушност, тројцата вечно сведочат на небото, според зборовите на евангелистот: *Зашто се тројца кои сведочат на небото: Отецот, Словото и Светиот Дух, и овие тројца се едно*.

Има луѓе кои тврдат дека Светиот Дух излегува и од Отецот и од Синот. Кој им го открил тоа и кога? Ние знаеме дека Светиот Дух излегува од Отецот, бидејќи тоа ни го открил Синот Божји, нашиот Господ Исус Христос. Затоа ги отфраме оние додавки на нашата православна вера, што не се сложуваат со зборовите на самиот Господ. Но за да се у-

својат зборовите на пречистиот Господ, е потребна голема чистота на срцето. Затоа повеќе да се трудиме да го очистиме своето срце од страстите отколку љубопитно да го наведуваме својот ум во бескрајните длабочини на битието Божјо со нечисто срце зашто кој и да го правел тоа така, ја изгубил својата душа.

О Господи Боже, велик и моќен, Ти благодариме што ни се јави преку Спасителот наш Исус Христос, та знаеме дека не сме деца на темнината, туку сме синови на светлината. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

24 СЕПТЕМВРИ

1. Св. првомч-чка Текла рамноапостолна. Родена е во Иконија од родители познати, но незнабожци. Како осумнаесетгодишна девојка била свршена за некое момче во времето кога апостол Павле дошол со Варнава во Иконија да го проповеда *Евангелието*. Слушајќи го Павла три дена и три ноќи, Текла се обратила во верата Христова и дала завет дека ќе живее во девство. Видувајќи ја мајка ѝ како и не гледа повеќе на својот свршеник ниту помислува на брак, почнала прво да ја советува, а потоа да ја тепа и да ја уморува со глад. На крајот ја предала на судијата и барала од него со оган да ја изгорат. Судијата ја фрлил во оган, но Бог ја спасил неповредена. Тогаш Текла тргнала по апостол Павле и со него дошла во Антиохија. Привлечен од надворешната убавина на Текла, некој старешина во градот сакал да ја земе кај себе со сила, но Текла се истргнала од неговите раце. Тој старешина ја обвинил кај кнезот како христијанка која се гнасела од бракот. Кнезот ја осудил на смрт и ја фрлил пред ѕверови, но ѕверовите не се ни допреле до телото на светата девица. Воодушевен од ова, кнезот ја прашал: „Која си ти и каква сила има во тебе што ништо не може да ти наштети?“ Текла му одговорила: „Слугинка сум на живиот Бог“. Тогаш кнезот ја пуштил на слобода и таа отишла да го проповеда ***Евангелието***, и успеала да обрати мнозина во вистинската вера, меѓу кои и некоја угледна и чесна вдовица Трифена. Потоа, св. Текла, по благослов на апостол Павле, се оддалечила во едно пусто место близу до Селевкија. Таму таа долго се подвизувала и со исцелување на болни и со чудотворна сила обраќала многумина во христијанс-

твото. На тоа ѝ позавиделе лекарите и гаталците од Селевкија, та испратиле некои млади луѓе да ја осквернат, надевајќи се дека кога ќе ја изгуби девственоста ќе ја изгуби и својата чудотворна сила. Текла бегала од тие дрски момчиња и кога видела дека ќе ја фатат, Му се помолила на Бога за помош пред една карпа, карпата се распукнала и ја скрила оваа св. девица и невеста Христова. И таа карпа ѝ била и скривалиште и гроб. За оваа чудна христијанска јунакиња и светителка св. Златоуст вели: „Ми се чини дека ја гледам оваа блажена девица како Му принесува на Господа со едната рака девство, а со другата рака маченичтво".

2. Св. Стефан крал српски првовенчан. Крунисан за крал во својата задолжнина Жича од својот брат и духовен отец св. Сава. Бил побожен христијанин, мудар и миролубив владетел. Стефан со св. Сава го воздигнал православието до големо торжество во народот свој. По негова желба, св. Сава го замонашил пред смртта и му го дал името Симон. Се упокоил во Господа на 24 септември 1224 година. Неговите чудотворни мошти почиваат во Студеница.

3. Св. Давид (прво кнез Димитриј), син на Вукан, братот Стефанов. Изградил манастир на Лима, каде што и самиот се замонашил.

4. Св. крал Владислав, син на кралот Стефан. Го изградил манастирот Милешево, каде што ги пренесол од Трново моштите на св. Сава. Се одликувал со необична милосрдност кон бедните луѓе. На парите од неговото време тој се потпишувал: „чедо Христово Владислав".

РАСУДУВАЊЕ

Секој светител е во близина на она место каде што се повикува на помош и каде што се празнува или се прославува неговата светиња. Оние кои се видовити ги гледаат; оние кои не се видовити нека веруваат и ќе ги видат во свое време. Св. Козма Зографски уште како млад монах бил видовит. Еднаш, на Благовештение, тој со неколку монаси дошол во манастирот „Ватопед" на слава. Па и за време на службата во црквата и за време на ручекот во трпезаријата, Козма видел една жена со царска убавина и величество како самовласно сѐ распоредува, упатува и самата услужува. И не само што ја видел во моментот, туку долго време ја гледал како во црквата, така и во трпезаријата. Со ова видение

Козма бил збунет и зачуден, бидејќи ни малку не му било право што видел жена во Светогорскиот манастир. Кога на своите браќа монаси во „Зограф“ им раскажал за своето виденние, негодувајќи за пристапот на жени во Света Гора, зачудените монаси му објасниле дека е тоа царицата на Света Гора, Пресветата Богородица. И збунетото срце на Козма се исполнило со голема радост. Св. Козма бил толку видовит што подоцна како старец и отшелник од својата пештера ја видел душата на игуменот на манастирот „Хилендар“ како издигнувајќи се кон небото се мачи да помине низ митарствата, измачувана од демоните. Св. Козма испратил некој да им јави на браќата во „Хилендар“ да се молат на Бога за душата на нивниот починат игумен. Тоа било веднаш по утрената, кога штотуку монасите со игуменот излегувале од црквата. Кога ја чуле пораката на Козма, монасите се потсмевнале, говорејќи дека нивниот игумен штотуку отишол во својата келија да се подготвува за литургијата. Но кога влегле во келијата, го нашле својот игумен мртов.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за гревот на царот Охозија и за казната Божја (II Лев. 22), и тоа:

1. како Озија правел лошо пред Господа и се здружил со грешниот дом на Ахав;
2. како Охозија бил погубен со многу свои сродници.

БЕСЕДА
за Бога Светиот Дух Прославителот

Он Мене ќе Ме прослави,
зашто од Моето ќе земе и ќе ви
јави (Јн. 16:14).

Светиот Дух е рамносилен на Отецот и на Синот и сè што може Отецот, може и Синот, може и Светиот Дух. И сè што знае Отецот, знае и Синот, знае и Светиот Дух. Но според бескрајната љубов на еден кон друг и според бескрајната мудрост во поглед на домостројот на спасението на луѓето, тие наизменично се јавуваат на луѓето, од гледиште на времето. Како што Отецот го прославил Синот така и Си-

нот, Отецот, така и Светиот Дух Синот. *Он ќе Ме прослави.* Зар Синот Себеси не се прославил? Да, но не колку што можел, туку само колку што луѓето во тоа време можеле да примат и да поднесат. А со време Светиот Дух ќе ја открие уште поголемата слава на Синот Божји. Кога Он, Себлагиот, ќе ги исполни верниците со Своите благодатни дарови. *Он ќе Ме прослави.* Овие зборови ги говори Господ и за поука на нас, браќа, та и ние, ако направиме некое добро дело, да оставиме друг да нè прославува, а не да се прославуваме самите себе. *Зашто од Моето ќе земе и ќе ви јави.* Со овие зборови Господ го објавува единството на Божјиот Дух со Него, а не потчинетост на Духот. Пред тоа рекол: *Ќе ве упати на секоја вистина.* Па учениците да не помислат дека Духот знае повеќе вистина отколку Синот и дека, според тоа, Духот е поголем од Синот, Он објавува дека Духот *од Моето ќе земе и ќе ви јави.* И Христос можел да ги упати учениците на секоја вистина, но учениците во тоа време уште не биле оспособени да примат секаква вистина. Затоа Светиот Дух во свое време ќе ги упати на секоја вистина. Но објавувајќи им ја секоја вистина, Духот нема ништо да објави што на Синот не Му е познато или што е, уште помалку, спротивно на знаењето и на волјата на Синот. Затоа Господ вели: *од Моето ќе земе и ќе ви јави.*

О чудно единство на Светата Троица, о трипламена сило, светлино и љубов од еден ист оган! О Троице света и пресвета, разгори ја божествената љубов во нашите срца. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

25 СЕПТЕМВРИ

1. Преп. Ефросинија. Ќерка на познатиот човек Пафнутиј од Александрија. Потекнува од бездетни родители, испросена со молитва од Бога. Нејзините благочестиви родители ја воспитале својата ќерка со верата Христова. Не сакајќи да стапи во брак, младата Ефросинија, за да се скрие од својот татко, се преоблекла во машка облека и се пријавила кај игуменот на еден манастир како евнух на царот Теодосиј, со името Измарагд. Игуменот ја примил и ја предал на раководство на духовникот Агипит. Со својот испоснички и молитвен подвиг, Измарагд брзо ги надминал сите монаси во тој манастир. Кога се навршиле 38 години на тежок

подвиг, Пафнутиј го посетил тој манастир и игуменот го упатил кај Измарагд на молитва и утеха. Измарагд го познал Пафнутија, а Пафнутиј не го познал Измарагда. Кога таткото ја исповедал својата тага по изгубената ќерка, Измарагд му рекол да не ја губи надежта зашто уште во овој живот ќе ја види својата ќерка и го замолил повторно да дојде кај него по три дена. Кога Пафнутиј дошол повторно, Измарагд лежел на претсмртна постела. Тогаш претсмртникот му рекол на Пафнутија: „Јас сум Ефросинија, ќерката твоја; ти си мојот татко!“ Таткото долго не можел да си дојде на себе од големото изненадување. Во тој миг издивнала блажената Ефросинија и татко ѝ плачел над неа. Откако ја погребал својата ќерка, Пафнутиј стапил во тој манастир и се вселил во келијата на својата упокоена и света ќерка. После 10 години подвиг, се упокоил во Господа и свети Пафнутиј.

2. Преп. Сергиј Радонежски. Голем подвижник и светилник на руската црква. Се родил во 1313 година во Ростов, од побожните родители Кирил и Марија. По смртта на родителите, Вартоломеј – така му било крстеното име – се замонашил и основал обител на св. Троица во шумите радонежски. Тивок и кроток слуга Божји, знаел само за труд и за молитва. Поради неговата чистота на срцето, се удостоил со дар на чудотворство, та и мртви воскреснувал со името Христово. Повеќепати му се јавила Света Богородица. Кнезови и владици доаѓале кај него заради совет. Го благословил кнезот Димитриј Донски и му ја претскажал победата во војната за ослободувањето на Русија од Татарите. Прозирал во срцата човечки и во случувања на далечина. Неговиот манастир се исполнил со монаси уште за време на неговиот живот и низ векови и векови служел како еден од најглавните центри на духовниот живот и чуда Божји. Св. Сергиј се упокоил во 1391 година. После смртта, повеќепати им се јавувал на разни лица.

3. Преп. Ефросинија Суздалска. Крстеното име ѝ било Теодула, ќерка на Михаил Всеволодович и свршеница на суздалскиот кнез Мина. Никако не сакала да стапи во брак и Му се молела на Бога до смртта да ја сочува како девојка. Кога како невеста ја повеле во Суздал, одеднаш умрел кнезот Мина, нејзиниот свршеник. Таа не им се вратила на родителите, туку стапила во манастир, каде што сè до смртта се подвизувала. Од Бога била надарена со чудотворство. Се упокоила во 1250 година.

РАСУДУВАЊЕ

Светителот не блеска со надворешноста. Сето негово богатство е внатре, во душата. Некој селанец дошол од далеку во манастирот да го види св. Сергија. Кога ги прашал монасите за игуменот, тие му рекле дека е на работа во бавчата. Селанецот отишол во бавчата и таму видел човек во бедни и искрпени алишта каде што копа како и секој друг работник. Селанецот се вратил во манастирот незадоволен, мислејќи во себе дека монасите му се потсмеваат и повторно рекол, за да биде појасен, дека сака да го види прославениот свет отец Сергиј. Тогаш пристигнал и Сергиј во манастирот, го нагостил селанецот, служејќи му сам околу трпезата. Светецот предвидел во срцето на својот гостин и знаел дека тој за него има многу ниско мислење, па го тешел дека, ако почека уште малку ќе го види Сергиј. Тогаш во манастирот пристигнал некој кнез со својата придружба и кнезот и придружбата длабоко му се поклониле на св. Сергиј и побарале негов благослов. Монасите го оддалечиле селанецот од одајата за да се направи место за новите гости. И тој селанец, во чудо, оддалеку гледал и нaѕирал за да го види оној што не сакал да го види одблизу. Самиот себе се укорувал заради своето незнаење и многу се посрамил. Кога си отишол кнезот, селанецот брзо се приближил до светителот, паднал пред неговите нозе и почнал да го моли за прошка. Големиот светител го помилувал и му рекол: „Не тагувај, сине, ти си ја помислил единствената вистина за мене сметајќи ме за ништо, додека другите се соблазнија сметајќи ме за нешто големо“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за гревот и за правдата на царот Јоас, и за наградата и за казната Божја (II Лет. 24), и тоа:

1. како Јоас првин го слушал првосвештеникот Јодај и правел сѐ што е добро пред Господа;

2. како Бог го благословил Јоас со долго и мирно владеење;

3. како Јоас се променил и го убил праведниот син на Јодај, и извршил и други лоши дела;

4. како малата сирска војска го победила Јоаса и ја ограбила земјата, а Јоас, тешко болен, го убиле слугите во постелата.

БЕСЕДА
за заедничкото богатство
на Отецот и Синот

Сè што има Отецот, Мое е (Јн. 16:15).

Ова е еден од последните зборови на Христа Господа пред самото страдање. Најголем збор, бидејќи му објавува на светот за Божеството на Христа Спасителот; а во врска со следните зборови: *затоа и ви реков дека од Моето ќе земе и ќе ви јави*... го објавува равенството на Духот Свет со Отецот и со Синот. Тоа што ќе го земе Духот од Моето не може да биде поинакво ниту спротивно на она што е од Отецот, бидејќи *сè што има Отецот, Мое е.* Зошто Господ не вели: *ќе го земе моето*, туку вели: *од Моето*? Затоа што Духот нема сè да им донесе на луѓето, туку само нешто од сè, колку што можат луѓето да примат и колку што им е потребно. Еден дел од Божјите дарови на луѓето им се дава на земјата, а еден дел, пак, ќе им се даде во царството небесно. А тој небесен дел е она што видовитиот апостол го опишува: *Она што око не го видело, и уво не го слушнало, и не дошло во срцето на човекот, тоа го подготвил Бог за оние што Го љубат.* И сето тоа, и несразмерно повеќе, спаѓа во имотот на Христа. Неговиот имот не е само овој свет, туку и од оној и неспоредливо повеќе и поголемо и подрагоцено нешто од двата света, Негова е вечноста, Негова е бесмртноста, Негова е совршената моќ, Негова е совршената мудрост, Негова е совршената љубов, Негова е совршената добрина, милост, правда и вистина; и што уште има добро што не може нашиот ум да го разбере и јазикот да го искаже. Негово е секое совршенство кое надминува с# што луѓето можат да го разберат. Тоа сè го има Отецот, тоа сè го има Синот, тоа сè го има и Светиот Дух. *Сè што има Отецот, Мое е.* Со овие зборови неопишаниот Богаташ, недостижниот Царев Син им го објавил на Своите ученици Своето богатство, непрегледно и незамисливо во онаа темна ноќ кога требало босоног да излезе пред еврејските старешини за да биде камшикуван и да биде плукан.

О Господи Боже наш, Троице Пресвета и Пребогата, помилувај нè нас грешните и спаси нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

26 СЕПТЕМВРИ

1. Св. Јован Богослов, апостол и евангелист. Син на рибарот Заведеј и Саломија, ќерката на Јосиф, старателот на св. Богородица. Повикан од Господа Исуса, Јован веднаш го оставил својот татко и мрежите рибарски и тргнал со својот брат Јаков по Христа. И од тогаш повеќе не се одделувал од својот Господ сè до крајот. Со Петра и Јакова присуствувал на воскресението на ќерката Јаирова и на Преображението Господово. На Тајната вечера ја ставил главата на градите Исусови. Кога сите други го оставиле Распнатиот Господ, Јован со св. Богомајка останал под крстот. По наредба на Господа, тој потоа ѝ бил како син на св. Дева Марија и грижливо ѝ служел и ја чувал до нејзиното успение. По успението на св. Богородица, Јован со својот ученик Прохор отишол на проповед на ***Евангелието*** во Мала Азија. Најмногу престојувал во Ефес. Со својата вдахновена проповед и чудотворството, тој обратил мнозина во христијанството и го разнишал незнабоштвото од темел. Озлобените незнабожци го врзале и го испратиле во Рим кај царот Дометијан. Пред царот бил мачен и тепан, но бидејќи не му наштетиле ниту со најјакиот отров што му го дале да го испие, ниту со зовриеното масло во кое го ставиле, царот се уплашил и, сметајќи го за бесмртен, го испратил во прогонство на островот Патмос. На тој остров св. Јован превел многумина во христијанството со зборови и со чуда и добро ја утврдил Црквата Божја. Тука го напишал своето ***Евангелие*** и ***Откровението***. Во времето на царот Нерв, кој им дал слобода на сите затвореници, Јован се упатил повторно во Ефес. Таму проживеал некое време, утврдувајќи го тука своето порано започнато дело. Имал повеќе од 100 години кога Му се претставил на Господа. Кога учениците подоцна му го отвориле гробот, не го нашле неговото тело, но секоја година на 8 мај од неговиот гроб излегувал некаков ситен прав, миризлив и лековит. По долгиот, многу тежок и многуплоден живот на земјата, се преселил овој возљубен ученик Христов и

столб на Црквата, во радоста на својот Господ, во мирната и бесмртната радост.

2. Преп. Нил Калабриски. Голем подвижник меѓу Грците во Калабрија, основач на неколку манастири, чудотворец и бранител на чистотата на православната вера. Преземал долги патувања, само да спаси некој човек од некаква тешка казна. Имал, значи, силна љубов кон своите ближни. Се упокоил во 1005 година. Оставил многу ученици, достојни на себе, меѓу кои особено се истакнал св. Вартоломеј (+ 1044), писателот на неколку канони.

РАСУДУВАЊЕ

Оној којшто ќе обрати грешник од лажлив пат, спасува една душа од смрт и ќе покрие многу гревови, така пишува апостол Јаков (5:20). Христовите апостоли не говореле само така, туку и со дело го потврдувале тоа. Св. Климент Александриски раскажува за св. апостол Јован, како во некое место во Мала Азија крстил некое ненабожно момче и му го доверил на грижа на месниот епископ, а тој отишол понатаму да го проповеда ***Евангелието***. Во отсуство на св. Јован, момчето станало лошо и почнало да пие, да краде и најпосле стапил во некоја разбојничка дружина, која од шумата ги напаѓала луѓето и ги крадела. По извесно време, св. Јован се вратил во тоа место и слушнал од епископот што се случило со тоа момче. Тогаш св. Јован, не чекајќи, побарал коњ и спроводник и отишол кон таа шума каде што се наоѓала разбојничката дружина. Барајќи низ шумата, светителот ги пронашол ајдуците и излегол пред ајдучкиот старешина. Момчето штом го видело и го познало, почнало да бега. Старецот Јован потрчал по него, та и покрај својата старост, го стасал. Момчето, кога видело дека е стасано, паднало пред нозете на апостолот и од срам не смеело да го погледне во очи. Јован го прегрнал и почнал да го љуби како пастир кога ќе ја најде изгубената овца. И Јован го вратил во градот и пвторно го утврдил во верата и во добродетелниот живот. И кога Му угодило на Бога, тоа момче се упокоило во Господа, во свое време.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за поделеното срце на царот Амасиј кон Бога и Божјата казна (II Лет. 25), и тоа:

1. како Амасиј прво извршувал добро пред Господа и Бог му дарувал победа над Едомците;

2. како донесол едомски идоли во Ерусалим (кои ни на Едомците не им помогнале) и им се поклонувал;

3. како Бог им дозволил на Израилците да го победат, а против него се кренала буна и го убиле.

БЕСЕДА
за молитвата вдахновена со љубов

Освеши ги со Својаша висшина. Твоешо слово е висшина (Јн. 17:17)

Кога мајката ќе ја поведат на смрт, таа повеќе се грижи за децата кои ги остава зад себе отколку за себе. Таква е врската на големата љубов. Господ Христос имал уште поголема љубов кон Своите ученици, отколку мајката кон своите деца. Тргнувајќи на смрт, Господ Му се моли на Својот небесен Отец за Своите ученици. Он не се моли затоа што не би можел сè да направи за нив, туку да го покаже своето единство на битието и љубовта со Својот Отец. Но зошто сега ја припишува вистината на Отецот кога пред тоа Духот го нарекол Дух на вистината, велејќи им на учениците: *Духош на висшинаша ќе ве уйаши на секоја висшина*? Да ја покаже еднаквоста на Отецот и Светиот Дух. Зар Господ прво не рекол за себе: *Јас сум висшина* (Јн. 14:6)? Зар потоа Утешителот, Светиот Дух не го нарекол Дух на вистината? А гледај сега, вистината ја припишува на Отецот: *освеши ги со Твојаша висшина*! Кој во тоа ќе види некаква противречност, тој нема да го сфати Бога како единство и троичност, единство по битие, а троичност по ипостас. Токму со тоа што на секое лице од Божествената Троица му се припишува вистината како нешто важно и неразделно, Господ ја објавува еднаквоста на Отецот и Синот и Светиот Дух. Бидејќи ако едно лице од Божествената Троица има помалку вистина, тоа би било помало и по битие од другите две лица. А со помалку вистина завршен е и недостатокот на моќ, љубов и мудрост. Затоа Господ и Себе се нарекува вистина, и Отецот и Светиот Дух, за луѓето да знаат и да веруваат во Нив-

ната потполно важна еднаквост. Никој од верниците да не се соблазнува со еретичкото учење за важната нееднаквост на лицата на Светата Троица. Но секој нека се труди да го избрише своето срце од гревот како што се брише огледалото од прашината и ќе ја види вистината на големата догма на еднаквоста на Отецот и Синот и Светиот Дух.

О триедина божествена Вистино, просвети нѐ со Себе и спаси нѐ. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

27 СЕПТЕМВРИ

1. Св. мч. Калистрат. Родум од Картагена. Христијанин од раѓањето затоа што и татко му и дедо му биле христијани. Еден од предците Калистратови, по име Неокор, служел како војник во Ерусалим при понтискиот Пилат, во времето на страдањето на Господа и Спасителот наш Исус Христос. Видувајќи многу чуда при смртта Христова, Неокор поверувал во Него, бил научен на верата и бил крстен од апостолите. Враќајќи се дома, Неокор им ја донесол на своите верата Христова како драгоцен бисер. Така, по време, и св. Калистрат бил роден, крстен и воспитан како христијанин. Кога бил војник, во неговиот полк немало ниту еден христијанин. Некои од неговите другари го виделе св. Калистрат како станува ноќе и се Му моли на Бога и го пријавиле на војводата Персентин како христијанин. А Персентин бил лут мачител на христијаните. За да се увери дали Калистрат е навистина христијанин, војводата му наредил да им принесе жртва на идолите, тоа што Калистрат веднаш го одбил. Тогаш Калистрат бил многу тепан, па потоа фрлен в море. Божја сила го спасила и тој излегол здрав од морето. Кога го виделе трпението на Калистрат и чудата негови, 49 војници поверувале во Христа Господа. И тие биле тепани и фрлени во темница со Калистрат. Во самицата св. Калистрат ги научил своите другари на верата и ги поткрепил. И тие покажале голема машкост во страдањето, а Господ Бог покажал голема сила врз нив. Опакиот мачител испратил војници во темницата ноќе, та го убиле св. Калистрат и 49-те негови другари. Пострадале за Вистината во 304 год. На нивните мошти подоцна е подигната црква.

2. Св. ап-ли: Марко, Аристарх и Зинон. Од седумдесетмината се. Св. Марко бил викан и Јован. Во куќата на

неговата мајка Марија во Ерусалим се собирале св. апостоли на молитва (Д.а. 12:12). Го проповедал ***Евангелието*** со апостолите Павле и Варнава (12:25). Потоа бил епископ во градот Вивлос. Св. Аристарх, сопатник на ап. Павле (Д.а. 19:29), бил епископ во Апамеја Сириска. Св. Зинон, или Зина, наречен од ап. Павле законик, (Тит 3:13), бил епископ во Лида Палестинска. Како ѕвезди блескале во темнината на незнабоштвото и многумина обратиле во верата Христова. А сега блескаат како ѕвезди во Царството на љубениот свој Христос.

3. Св. новомч-чка Акилина. Од селото Заливери во епархијата Едренска, осумнаесетгодишна девојка. Татко ѝ се потурчил, па ја присилувал и ќерката да се потурчи. Но мајка ѝ ја поддржувала во верата Христова. После многуте мачења, целата во рани и крвава, издивнала на скутот на својата мајка и примила венец на маченештво на 27 септември 1764 година.

4. Преп. Саватиј Соловецки. Се споменува со св. Зосим на 17 април. Се упокоил во Господа на 27 септември 1435 година.

РАСУДУВАЊЕ

Сето наше богатство, славата и честа се како еден оброк што се завршува со смрт. Од тој оброк никој не носи ниту една трошка во оној свет. Блазе му на оној кој сфатил дека душата е единствен негов имот што со ништо не се прекратува, па ни со смртта. Таквиот мисли само за три работи: за смртта, за душата и за Бога Судијата. „Постојано мисли на крајот и на судот што ти престојат и ќе ја сочуваш душата своја од гревот“, поучува св. Евагриј. Сите наши телесни грижи во овој живот се грижи за оброкот што наскоро мора да се прекине. „Секојдневно да ја имате смртта пред очите“, говори св. Исаија Отшелник; „Грижете се непрестајно за тоа на каков начин ќе се разделите од телото, на каков начин ќе можете да поминете низ областа на темнината, што ќе ве сретне во воздухот, на каков начин ќе застанете пред Бога. Подгответе се за страшниот ден за одговор на Судот Божји, како веќе да го гледате“. Кај св. Саватиј Соловецки еден ден дошол некој богат трговец Јован и му донел многу милостина. Саватиј од сето тоа ништо не примил, туку му рекол на дародавецот сето тоа да го раздаде на сиро-

машните луѓе. Јован многу се натажил, а светителот за да го утеши и сè да му објасни, му рекол: „Синко Јоване, остани овде и одмори се до утре, па утре ќе ја видиш благодатта Божја". Јован послушал. Утредента Јован влегол во келијата на Саватиј и го видел старецот мртов и почувствувал чуден благопријатен мирис во келијата. Кој ќе го предвиди крајот на својот живот, тој не мисли за земното богатство.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за правдата на царот Озија и Божјата награда (II Лет. 26), и тоа:

1. како царот правел добро пред Господа;
2. како додека и да го барал Господа, Бог му давал среќа.

БЕСЕДА
за последната Христова молитва за верните

За да бидаӣ сиӣе едно, како шӣо Си Ти, Оче, во Мене, и Јас во Тебе (Јн. 17:21).

Браќа, милоста Божја е голема. Кога неа ќе ја осети праведникот, плаче, а кога ќе ја осети грешникот, се срами. Според милоста Божја, ние се чистиме, се осветлуваме, се спасуваме, се осиновуваме, се соединуваме со самиот Бог. Но ова соединување со Бога никој да не го разбира така како ние да постануваме едно битие со Бога и еднакви на Бога. Ние никогаш нема да бидеме едно битие со Бога, ниту пак ќе бидеме еднакви на Бога во онаа смисла, во која Отецот, Синот и Божјиот Дух се едно битие и се еднакви по битие. *За да бидаӣ сиӣе едно*, говори Спасителот на Својот Отец за Своите ученици, *како шӣо Си Ти, Оче, во Мене, и Јас во Тебе,* мислејќи на единството на љубовта, а не на единството на природата. Од љубовта произлегува заемната послушност, заемната помош, заемната милост, кроткост, смиреност, добрина, добра волја, пожртвуваност. И кога Господ вели: *Бидеӣе совршени како шӣо е совршен вашиоӣ Оӣец небесен* (Мт. 5:48), Он не мисли луѓето да ги изед-

начи со Бога, туку да им го покаже врховниот пример на совршенство во секое добро. Бидејќи многу човечки учители го истакнувале и го истакнуваат примерот на совршенство во нешто и во нешто друго, а не во Бога; дури често ги учеле луѓето на лошо, им го истакнувале лошото и примерите на лошото како совршенство. Затоа Господ ги учи луѓето да го земат Отецот небесен како пример на секое совршенство и да се трудат и да се упатат кон тоа вистинско совршенство, а не кон некое друго. Според благодатта Божја, ние се посиновуваме и сите постануваме едно во Христа Исуса (Гал. 3:28). Но не стануваме богови; не се израмнуваме со ипостасите на Светата Троица. Не заборавајте дека во ***Писмото*** е речено; *И небото е нечисто пред Него* (Јн. 15:15), т.е. величествените сили небесни, а камоли човекот. Но според благодатта Божја а заради страдањата на Господа Исуса, верниците се возвишуваат во единство со Бога според љубовта и според духот. Затоа да се потрудиме да ја исполнуваме волјата Божја за навистина да се возвишиме на таква величествена височина.

О Господи Исусе, Боже наш, Боже на секоја милост и добрина, поддржи нè до крајот во Твојата милост и не разгневувај се на нас, но опрости ни. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

28 СЕПТЕМВРИ

1. Преп. Харитон Исповедник. Угледен и благочестив граѓанин на градот Иконија. Запоен од духот на својата сограѓанка св. Текла, Харитон јавно Го исповедал името Христово. Кога почнало острото гонење на христијаните во времето на царот Аврелијан, Харитон веднаш бил изведен на суд пред хегемонот. Судијата му рекол да им се поклони на боговите (т.е. на демоните), на што Харитон му одговорил: „Сите ваши богови се бесови, кои некогаш поради гордоста се исфрлени од небото во адот подземен“. И Харитон ја објавил јасно својата вера во единствениот жив Бог, Творецот на сè и во Господа Исуса, Спасителот на луѓето. Тогаш хегемонот наредил, та го тепале и го измачувале телото на Харитон во толкава мера што целото тело му било покриено со рани и сето било како една рана. После лошата смрт на Аврелијан, која злосторникот го стигнала во тоа

време, Харитон бил ослободен од маките и од темницата. Тој се упатил во Ерусалим. На патот го фатиле разбојници од кои, по промислата Божја, се ослободил. И не сакал повеќе да се враќа во Иконија, туку се повлекол во пустината фаранска, каде што основал обител и собрал монаси. Давајќи ѝ устав на таа обител и сакајќи да ги избегне пофалбите човечки, тој се оддалечил во една друга пустина кон Ерихон, каде што повторно со време била основана втора обител, наречена Харитонова. Најпосле, основал и трета обител, Сукиска, на грчки викана „Стара Лавра“. Завршил во длабока старост и се преселил во славата на својот Господ на 28 септември 350 година. Неговите мошти почиваат во неговата прва обител. На св. Харитон му го припишуваат составот на чинот за постригот при монашењето.

2. Св. пророк Варух. Ученик и верен пријател на пророкот Еремија. Го прорекол враќањето на Јудеите од ропството вавилонско, пропаста на Вавилон и доаѓањето на Синот Божји на земјата. Се мисли дека и тој е убиен од Евреите во Египет како и пророкот Јеремиј, во VII столетие пред Христа.

3. Св. мч. Марко овчар. Во времето на Диоклецијан некој Магн, антиохиски хегемон, тргнал со војниците на лов. Гонејќи некаков ѕвер, војниците виделе како ѕверот прибегнал кај Марко овчарот, кој тука го чувал своето стадо. И ѕверот почнал да се умилкува околу Божјиот човек Марко. Кога го виделе тоа, 30 војници побарале поука од Марко и поверувале во Христа, па веднаш биле обезглавени. Хегемонот го врзал Марка, го довел во градот и ги повикал тројцата браќа ковачи: Александар, Алфеј и Зосим и им порачал да направат посебни справи за мачење на Марко. Но сите тројца, разговарајќи со Марко, ја примиле верата Христова и ја откажале порачката на хегемонот. Хегемонот ги осудил на смрт и наредил, та им излеале во устата растопено олово. А на светиот Марко потоа му била отсечена главата и била положена во храмот на Артемида, од што тој храм со Божја сила се разурнал.

4. Св. мч. Вацлав крал чешки. Внук на св. Лудмила. Како крал се подвизувал во верата, слично на големите подвижници и ја утврдувал верата православна во својот народ. Строго внимавал на судењата да не пострада некој невин. Според ревноста кон верата Христова и според љубовта кон ближните, св. Вацлав ги купувал незнабожечките деца кои биле продавани како робови и веднаш ги крштавал и

како христијани ги воспитувал. Го превел Јовановото ***Еванѓелие*** на чешки јазик. Ги пренесол моштите на св. Вит и на св. Лудмила, својата баба, во Прага. Неговиот брат Болеслав го повикал на гости и го убил во својот двор. Веднаш потоа Болеслав почнал да доведува Германци за свештеници и да воведува служба на латински јазик. Св. Вацлав пострадал во 935 година. Моштите му почиваат во Прага.

РАСУДУВАЊЕ

Раководејќи го домостројот на овој свет и посебно на Својата света Црква, Бог честопати прави ненадејни чекори и ја променува лошата судбина на Своите слуги, во добро. Во животот на св. Харитон тоа се покажало повеќепати. По тешките маки, Харитон бил фрлен во темница и бил осуден на сигурна смрт. Но одненадеж царот Аврелијан загинал и од новиот цар христијанските затвореници биле ослободени. Така Харитон ја избегнал смртта. Кога, пак, патувал за Ерусалим, го фатиле разбојници и го одвеле во нивната пештера, го оставиле таму, а тие отишле да крадат, со намера кога ќе се вратат да го убијат Харитона. Ва таа пештера имало некаков сад со вино каде што се вовлекла отровна змија, се напила од виното и го повратила заедно со отровот повторно во садот. Кога се вратиле разбојниците, жедни од патот и од жегата, се напиле од виното и еден по еден попаднале мртви. И така, и овој пат ненадејно св. Харитон се избавил од смртта. Господ ги наведувал бедите на Својот слуга, со нив, како златото со огнот, да го прекали и да го очисти и што повеќе да го приврзе за Себе, а го спасувал од смртта затоа што Харитон требало со востановувањето на неколкуте манастири и со својот личен подвиг да упати многу човечки души на патот кон спасението.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за промената на царот Озија кон лошо (II Лет. 26), и тоа:

1. како Озија се погордеал и се разлошил кога бил зајакнат со Божјата помош;

2. како го погазил законот, па зел кадилница и сакал да служи во храмот и покрај протестите на свештениците.

БЕСЕДА
за последната Христова молитва за верните

Оче, сакам и оние што си ми ги дал да бидат со Мене (Јн. 17:24).

Еве подарок за Божјите трудбеници! Еве славна награда за Христовите следбеници! Она што го сака Синот Божји, тоа го сака и Отецот, тоа го сака и Светиот Дух. А она што го сака Светата Троица, тоа и се случува. А што сака Господ, Синот Божји? Он сака и Неговите ученици да бидат со Него заедно во царството небесно; и не само Неговите 12 ученици, туку и сите оние, вели Господ, *што по нивните зборови ќе поверуваат во Мене* (Јн. 17:20). Во нив се сметаме и ние, мои браќа, кои се крстивме и апостолската вера ја примивме и ја одржавме, но само под услов, ако сами не се одречеме од тоа големо богатство со своите недела, со отстапувањето од верата, со нечистотијата на гревот, со богохулните зборови и помисли. *Оче, сакам,* вели Господ понатаму, *да ја гледаат Мојата слава што си ми ја дал.* Никој да не заклучува од овие зборови дека Синот е помал од Отецот, бидејќи пред тоа самиот Господ говори на Својот Отец: *Јас те прославив* (Јн. 17:4). Гледате ли каква е еднаквоста на Отецот и Синот и каква бесконечна е Нивната меѓусебна љубов. *Јас Те прославив... и сега прослави ме Ти, Оче.* Дека славата Христова не почнува на земјата и во времето покажуваат зборовите на Господа Христа: *со славата што ја имав во Тебе, уште светот пред да настане*. Тоа не е земна ниту времена слава, ниту светска и човечка слава, туку небесна слава, вечна, неминлива, неискажлива. Како, имено, Синот Божји сака да Го прослави Отецот? На тој начин што таа небесна и вечна слава ќе им ја покаже на сите оние кои Го послушале Неговиот Син, по Него тргнале и Неговите заповеди ги исполниле. Во таа слава човекољубивиот Господ сака и ние да земеме учество, не само апостолите, туку и ние кои се именуваме со Неговото име. О милост, о човекољубие! Догмата на нашата бесмртност и вечниот живот не е од луѓето, браќа, туку од самиот Господ и Спасителот наш. Само телесните грижи, мрзливоста на мо-

литвата и заемната омраза да не нѐ одвојат од оваа слава Христова, од бесконечниот живот!

О Господи благ и милостив, опрости ни ги нашите гревови и дарувај ни го Твоето вечно царство. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

29 СЕПТЕМВРИ

1. Преп. Кириак Отшелник. Роден е во Коринт од родителите Јован и Евдокија. Татко му Јован бил презвитер, а месниот епископ Петар негов роднина. Во раната младост епископот го поставил за чтец на соборната црква. Читајќи го ***Светото писмо***, младиот Кириак се восхитувал на промислата Божја како ги прославила сите вистински слуги на живиот Бог и како го устроила спасението на човечкиот род. Во својата 18. година желбата за духовен живот го одвела во Ерусалим. Во Ерусалим стапил во манастирот на некој Божји човек Евсторгиј, кој му ги дал почетните упатства во монашкиот живот. Потоа отишол кај св. Ефтимиј, кој предвидел дека ќе биде иден голем духовник, го облекол во схима и го испратил на реката Јордан кај св. Герасим, каде што Кириак поминал 9 години. По смртта на Герасим, повторно се вратил во манастирот на св. Ефтимиј, каде што останал во безмолвие 10 години. После тоа, местата за живеење ги менувал едно по друго бегајќи од човечката слава. Се подвизувал и во обителта на св. Харитон, каде што на крајот и го завршил својот овоземен пат, навршувајќи 109 години од својот живот. Прославен подвижник и чудотворец св. Кириак бил крупен и силен во телото и таков останал до длабоката старост, и покрај тешкиот пост и бдеењето. Во пустината понекогаш со години се хранел само со сурово зелје. Многу ревнувал по верата православна, изобличувајќи ги ересите, а особено ереста Оригенова. За себе зборувал дека откако е монах никогаш не го видело сонцето да јаде ниту да се гневи на некого. По уставот на св. Харитон, монасите јаделе само еднаш дневно, и тоа по заоѓањето на сонцето. Кириак бил големо светило, столб на православието, пофалба на монасите, моќен исцелител на болните и благ утешител на тажните. Поживувајќи долго во корист на мнозина, се преселил во вечната радост на својот Господ во 557 година.

2. Св. мч-ци Дада и Говделај. Дада бил персиски големец и роднина на царот Сапор, а Говделај син на истиот цар. Кога св. Дада јавно ја исповедал верата своја во Христа, царот Сапор наредил, та го мачеле со остри маки. При тие маки Дада со името Христово направил големи чуда, кои што толку силно влијаеле на царевиот син Говделај што и тој поверувал во Христа. Незнабожниот цар не го поштедил ни својот син, туку и него го ставил на тешки маки. И Дада и Говделај Го прославиле Бога со истрајното трпение и многуте чуда и во маки ги предале своите души на Бога. Пострадале во IV столетие. Со нив пострадале, затоа што верувале во Христа, и сестрата на Говделај, Каздоја и главниот волшебник Гаргал.

3. Св. Теофан Милостив. Богат граѓанин од Газа. Толку бил милостив што раздавајќи им го својот имот на бедните и самиот станал бедник. Пред крајот на животот го нападнала водена болест и во таа болест издивнал. Но од неговото тело потекло исцелително миро, со кое болните се исцелувале.

4. Св. Марија Палестинска. Прво била чтец на псалтирот при црквата на Воскресението во Ерусалим. Па бидејќи била многу убава на лице, многумина гледајќи ја, се соблазнувале со гревовни помисли. За да не им биде повод за грев на другите луѓе, Марија се оддалечила во пустината сукиска со една кошница грав и една стомна вода. Цели 18 години проживеала св. Марија во пустината и со силата Божја ниту грав ѝ снемало ниту вода. Учениците на св. Кириак ја затекле уште жива, а по смртта и ја погребале.

РАСУДУВАЊЕ

Многу луѓе од незнаење повеќе се трудат како да ги ублажат маките во староста и во претсмртната болест, отколку како ќе се избават од адските маки во животот по староста и по смртта. Така, имало некој неоженет човек, голем среброљубец, кој од година во година со сè посилна страст собирал за себе непотребни богатства. Кога го прашале зошто толку се труди и собира богатство, кое е премногу за неговиот живот, тој одговорил: „Собирам за староста. Ова богатство ќе ме лекува и ќе ме храни во староста и во болеста“. И навистина, неговиот страв се овистинил. Во староста го нападнала тешка и долготрајна болест. Тој ги раздавал

заштедените пари на лекарите за да го лекуваат и на слугите за да го чуваат и да го хранат. Но богатството се потрошило, а болеста се продолжила. Лекарите и слугите го оставиле и тој паднал во очајание. И соседите му подавале по малку леб сè до смртта, а по смртта бил погребан на општински трошок. За што го наменил своето богатство, на тоа и го потрошил. Бог му направил според волјата и му испратил болест за која тој зборувал и за која го подготвил големото богатство. Целото негово богатство, сепак, не можело да ги ублажи неговите маки во овој свет, а со што ли, пак, тој ќе ги ублажи маките на оној свет? Со што кога не понесол со себе ниту вера, ниту надеж, ниту милосрдни дела, ниту молитви, ниту покајание? Починатиот човек видел некого во голема рајска слава и го прашал со што се удостоил за таа слава? Човекот одговорил: „Јас во земниот живот бев наемник на еден злосторник кој никогаш наемот не ми го плаќаше, но јас сè трпев и служев до крајот, со надеж во Бога". Видел и друг, со уште поголема слава, и кога го прашал, овој му одговорил: „Јас бев губав и до крајот на Бога му принесував благодарност за тоа". А оној кој натрупувал богатство за болеста во старост, никогаш никој не го видел во рајската слава на оној свет.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Божјата казна со која бил казнет царот Озија (II Лет. 26), и тоа:

1. како во своето високоумие Озија се приближил со кадилото до олтарот Божји;
2. како наеднаш му излегла губа на челото.

БЕСЕДА
за познавањето на Отецот и на Синот

Оче Праведен, светот не
Те позна, Јас Те познав (Јн. 17:25).

Еднаквиот најдобро го познава еднаквиот. Пониский не го познава повисокиот, ниту смртниот бесмртниот. Старозаветните пророци и некои од мудреците на стариот век го знаеле Бога како Создател и Промислител, но никој

не Го знаел како Родител. Оние кои Го знаеле, Го знаеле преку создавањето, а не преку раѓањето. Преку создавањето го познале нешто заради правдата, мудроста и силата Божја, но не ја познале Неговата љубов, бидејќи љубовта се познава преку раѓањето. Родителот ја познава тајната на родениот и родениот ја познава љубовта на родителот. *Светот не Те позна*, бидејќи светот Те гледаше како Господар, а себеси како роб; *Јас Те познав*, бидејќи Јас те гледам како родител и ја чувствувам Твојата неискажана љубов. Светот Тебе Те гледа низ завесата на Твоите дела а јас те гледам лице в лице во вечната убавина на Твојата љубов. Тој пламен на вечната родителска и синовска љубов ја донесол Господ помеѓу луѓето за да го видат Бога во тој пламен, во таа нова и дотогаш непозната светлина. Тоа ново богопознавање преку љубовта им го предал Господ на Своите апостоли. И тоа дошло до нас. О кога и во нас би се разгорел тој пламен на божествена и неминлива љубов! Така да Го познаеме Бога како Родител, а себе како Негови деца, посиновени преку жртвата на Синот Божји Единородниот.

О трипламен Боже, Оче, Сине и Свети Духу, осветли нѐ нас, помрачените од гревот, со вечната светлина на Твојата љубов. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

30 СЕПТЕМВРИ

1. Св. Григориј просветител еп. Ерменски. Роден во познато семејство, кое било во роднинска врска со царската персиска куќа (на царот Арбатан) и ерменската (на царот Курсар). Кога овие две куќи завојувале меѓу себе, Григориј се оддалечил во Кесарија Кападокиска каде што прво ја познал верата Христова, се крстил и се оженил. Од тој брак имал два сина, Ортан и Аростан и двајцата ги посветил на служба на Црквата. По смртта на својата жена, Григориј се вратил во Ерменија и се ставил во служба на царот Тиридат. И му служел Григориј верно на својот цар и тој го љубел Григорија. Но кога царот дознал дека Григориј е христијанин, многу се налутил и почнал да го советува да се одрече од верата Христова и да им се поклони на идолите. Не успевајќи во тоа, Тиридат го ставил Григорија на големи маки и потоа го фрлил во длабока јама полна со секакви отровни гадинки за така сосема да го докрајчи. Но Бог, Кој сѐ

гледа, го сочувал жив св. Григориј во таа јама полни 14 години. Тиридат потоа го продолжил гонењето на христијаните во своето царство и удрил на еден женски манастир, во којшто имало 37 сестри со игуменијата Гајанија. Кога сите со грозни маки ги убил, Тиридат полудел и бил како диво прасе. На сестрата на царот, пак, ѝ се јавил на сон некој маж пресветол и ѝ рекол дека нејзиниот полуден брат нема да оздрави сѐ додека Григориј не се извади од јамата. Изваден од јамата, св. Григориј го исцелил и го крстил Тиридата. Потоа Григориј, по желбата на Тиридат, постанал епископ на Ерменија и со помошта на царот, а прво со Божјата, ја просветил цела Ерменија и околните страни со верата Христова. Св. Григориј го завршил својот многу тежок живот во староста, околу 335 година. На негово место за епископ бил поставен неговиот син Аростан, кој го продолжил делото на својот родител, и телесно и духовно. Аростан бил еден од 318 свети отци на I вселенски собор.

2. Св. мч-чки Гајанија, Рипсимија и другите 35 монахињи, кои ги убил Тиридат поради верата во Христа. Св. Рипсимија била со необична убавина, поради што царот Диоклецијан сакал да ја земе за жена. Оттаму и почнало страдањето на сите 37 монахињи. Рипсимија се откажала да појде за царот затоа што била посветена на Христа како на свој младоженец. Тогаш Тиридат ја убедувал да појде за него затоа што бил како опиен од нејзината убавина. Но света Рипсимија му се противела со сета сила на царот безбожен. „И оној кој кнезовите готски ги победил и Персијците ги поразил не можел да совлада една девица Христова". Разгневен царот ја предал на остри маки (јазикот ѝ го отсекле, стомакот ѝ го расекле, и утробата ѝ ја истуриле), по што Рипсимија ја предала својата душа на Бога. По тоа и останатите монахињи биле фатени и со меч исечени. Над моштите на овие св. маченички е подигнат познатиот манастир Ечмијадзински, близу до Ериван, главниот ерменски духовен центар низ многу векови.

3. Св. Михаил прв митрополит Киевски. На молба на великиот кнез Владимир, бил испратен од патријархот Цариградски во Русија да го крштава незнабожниот народ и Црквата да ја утврдува и уредува. Св. Михаил го крстил народот во Киев, Новгород, Ростов и по многу други градови и села; ја уредил Црквата, поставил епископи и презвитери, го положил темелот на Михаиловскиот манастир во Киев, испратил мисионери меѓу Бугарите и Татарите, та многуми-

на и од нив придобил за Христа. И многу друго корисно направил овој светител за цели 4 години. Се упокоил мирно во 992 година. Моштите му почиваат во лаврата Печерска.

РАСУДУВАЊЕ

Чудни промени во судбината на луѓето секојдневно се случуваат и денес, како и некогаш: понижените заради Божјата правда се воздигнуваат на голема височина и хулителите на верата Божја се претвораат во служители на таа иста вера. Царот Тиридат го фрлил св. Григориј во длабока јама. Четиринаесет години светителот поминал во таа јама, заборавен од сиот свет, но не заборавен од Бога. Кој од луѓето би можел да помисли дека најголемото светило на ерменскиот народ се наоѓа во мракот на една јама? И од каде би можел да помисли силниот цар Тиридат дека еден ден тој ист Григориј, кого тој на смрт го осудил, ќе му го спаси животот и ќе му помогне повеќе од целиот свет што би можел да му помогне? По 14 години, Бог го објавува Григорија за жив. Григориј чудотворно го исцелува полудениот цар. Царот Тиридат, незапирлив гонител на Христа, се крштава и постанува најголем ревнител на Христовата вера. Би можело да се рече дека со Божја помош и Григориј и Тиридат биле извлечени од темните јами: Григориј со телото, а Тиридат со душата. О бесконечна мудрост Божја во управувањето со човечките судбини! Некогаш дивиот и страстен Тиридат толку омекнал со покајание и се облагородил со верата Христова што по карактер побрзо личел на св. Григориј, отколку на себе самиот пред крштавањето.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за правдата на царот Јотам и за Божјата награда (II Лет. 27), и тоа:

1. како Јотам извршувал правдина пред Господа и се грижел за Храмот Господов;

2. како Бог му помогнал, та бил среќен во војна и во мир: во војна победил, а во мир го збогатил и го зајакнал својот народ.

БЕСЕДА
за царството што не е од овој свет

Моето царство не
е од овој свет (Јн. 18:36).

Оној кој има големо богатство има и мало. Никој да не помислува дека Христос Господ нема царска власт и над овој свет затоа што Он му рекол на Пилата: *Моето царство не е од овој свет.* Оној кој го поседува неминливото, тој владее и над минливото. Господ го споменува Своето неминливо царство, независно од времето, независно од гнилежот, неправдата, лагата и смртта. Како кога некој ќе рече: *Богатството мое не е во хартијата, туку во златото.* Но зар оној кој има злато нема хартија? Зар златото не господари со хартијата? Не вели, значи, Господ на Пилат, дека Он не е цар, туку, напротив, Он сака да каже дека Он е поголем цар од сите цареви, и дека Неговото царство е поголемо и посилно и попостојано од сите земни царства. Он укажува на Своето главно царство од кое зависат сите царства во времето и во просторот. *Моето царство не е од овој свет*, овие зборови не значат дека Он нема моќ над царството на овој свет, туку напротив, тие ја потврдуваат Неговата страшна моќ над овој свет. Зар не ја покажуваат сите Негови дела на земјата Неговата недостижна господарска моќ над овој свет? Кажете ми, пред кој друг цар ветрот се стишил и морето се смирило? И зар сте ги заборавиле Неговите зборови во Гетсиманија дека кога самиот Он би сакал дванаесет легиони ангели би Му притрчале на помош (Мт. 26:53). А еден единствен ангел има поголема сила од цела вселена. Господарот на душите е господар и на телата. Господарот на вечноста е господар и на времето. Господарот на најголемите добрини е господар и на малите добрини. Ништо, браќа, не може да ја избегне моќта на семоќниот Исус Христос, нашиот Господ, кој пострадал за нас по Своја волја и кој воскреснал од гробот според Својата сила.

О Господи Исусе Христе, Спасителу семоќен, помогни ни да го бараме Твоето небесно царство и вечно да бидеме со Тебе таму каде што нема грев, ниту смрт, но има живот, радост и мир. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

1 ОКТОМВРИ

1. Покров на Пресвета Богородица. Отсекогаш Црквата ја прославувала Пресвета Богородица како покровителка и заштитничка на христијанскиот род, која со своите таинствени молитви го милостиви Бога кон нас грешниците. Безброј пати се покажала помошта од Пресвета Богородица, како на поединци, така и на цели народи; како во мир, така и во војна, како во монашките пустини, така и во градовите. Случајот кој Црквата денес го споменува и го празнува го докажува тоа постојано покровителство на Пресвета Богородица над родот христијански. На 1 октомври 911 година, во времето на царот Лав Мудриот (или Филозоф) имало сеноќно бдение во Богородичната црква во Влахерна, во Цариград. Црквата била преполна со народ. Во задниот дел на црквата стоел св. Андреј Јуродив со својот ученик Епифаниј. Во четвртиот час од ноќта се појавила Пресвета Богородица над народот со распространет омофор во рацете, како со таа одежда да го покрива народот. Била облечена во порфира украсена со злато и целата блескала во неискажана светлина, окружена со апостолите, светителите, мачениците и девиците. Св. Андреј кога го видел тоа јавување, со раката му покажал на блажениот Епифаниј и го прашал: „Ја гледаш ли, брату, Царицата и Госпоѓата над сите како се моли за целиот свет?“ Епифаниј одговорил: „Ја гледам, оче, и многу сум изненаден!“ Заради тоа се востановило тоа празнување за да нè потсети, како на тој случај, така и на постојаното покровителство на Пресвета Богородица, кога и да го бараме тоа покровителство, тој нејзин покров, молитвено во нашите неволји.

2. Св. апостол Ананиј. Еден е од седумдесетте. Бил епископ во Дамаск. Според Божјото јавување (Д.а. 9), тој го крстил Савле, подоцна апостолот Павле. И покрај сите гонења, храбро го проповедал ***Евангелието*** заради што бил убиен со камења, во градот Елевтерополь. Неговите свети мошти биле пренесени во Дамаск, а подоцна во Цариград.

3. Преп. Роман Слаткопевец. Бил роден во сириското град Емес. Како црковен прислужник служел прво во Бејрут, а потоа и во Цариград во соборната црква, во времето на патријархот Ефтимиј (490–504). Бил неписмен и невешт во пеењето заради што некои учени клирици му се потсмевале. Св. Роман со плачење ѝ се молел на Пресвета

Богородица, и таа му се јавила во сонот, му подала некое парче хартија (наречено *кондак*) и му рекла да го проголта. Утредента осамнал Божик и Роман излегол на амвонот и со ангелски глас го испеал: „Дева днес". Сите биле зачудени, како од содржината на таа песна, така и од гласот на тој пејач. Откако примил од Богородица дар за пеење, Роман испеал повеќе од илјада кондаци. Се упокоил како ѓакон на великата црква во 510 година во Цариград и се преселил меѓу ангелските хорови.

4. Преп. Јован Кукузел. Словен од Драч. Како млад бил земен во музичко училиште во Цариград, каде што постанал омилен пејач на царскиот двор. Плашејќи се од човечките ласкања и пофалби, побегнал во Св. Гора и се пријавил во лаврата како овчар. Како овчар и монах тој посебно се подвизувал. Двапати му се јавила Пресвета Богородица. Се упокоил во XII век.

5. Преп. Григориј. Монах на Светогорската Лавра од XIV век.

РАСУДУВАЊЕ

Пресвета Богородица честопати им се јавувала на некои свети луѓе заради некоја потреба, било да ги охрабри во подвигот, било да ги излекува од болест, било, пак, да им открие некоја тајна. Два случаја, донекаде слични, се случиле во Светогорската Лавра, и тоа со св. Јован Кукузел и со св. Григориј, монахот, само во различни времиња. За време на великиот *Акатист*, во чесниот пост, а по отпевањето на истиот, Јован се изморил и седнал на столот свртен кон иконата на Богородица. Како што седнал така и заспал. Тогаш му се јавила Светата Пречиста, и целата во небесна светлина, му рекла: „Радувај се, Јоване! Пеј и не престанувај, а јас затоа нема да те оставам!" При тие зборови таа во раката на Јована ставила еден златник. Кога Јован се разбудил од сонот, златникот навистина бил во неговата рака. После тоа, многу чуда се случувале, како од иконата на Пресвета Богородица, така и од тој златник. Другиот случај се случил со монахот Григориј. И тој, како Кукузел, бил пејач во црквата. Патријархот Калист востановил на богослужбите на св. Василиј да се пее „О тебе, радуетсја". Неговиот наследник, патријархот Филотеј, го отфрлил тоа и наредил, заради тоа што е пократко, да се пее „Достојно". Наеднаш, во пресрет

на Богојавление, а во присуство на Александрискиот патријарх Григориј, монахот го отпеал „О тебе радуетсја“. После тоа, веднаш му се јавила Пресвета Богородица, како и на Кукузел, му ставила златник во раката и му рекла: „Ти благодарам многу за твоето пеење во моја чест“. Заради тоа, оттогаш се востановило, на службите на св. Василиј секогаш да се пее „О тебе радуетсја“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за неправдите на царот Ахаз и за Божјата казна (II Лет. 28), и тоа:

1. како Ахаз во текот на целиот свој животен век извршувал зло пред Господа;
2. како подигнал идоли по сите ќошиња во Ерусалим и по целата земја и им се поклонувал;
3. како доживеал многу војни и во сите бил победуван, неговата земја била опустошена, стотина илјади народ му изгинал и уште толку биле одведени во ропство.

БЕСЕДА
за блажениот човек

Блажен е оној човек што не оди на совет безбожнички, не застанува на пат на грешници и не седи во друштво на развратници (Пс. 1:1).

Блазе му на оној, браќа, кој, пред сè, толку не закоравел од гревот за да може да го чуе и да го исполни Божјиот совет што доаѓа преку пророкот. Безбожници се оние кои сè што мислат, мислат спротивно на Бога и на Божјата волја; грешници се оние кои одат по патот на своите желби и на своите мисли, спротивно на Божјата волја и на законот Божји; развратници се оние кои, откако се расипале себеси со лошите дела, ги расипуваат и другите. И така, првин доаѓа лошата мисла (безбожничкиот совет), па злото дело, па лошиот пример – соблазнувањето. Блажен е оној човек кој не бара безбожнички совет од безбожни луѓе ниту пак се согласува со своите безбожнички мисли, туку наоѓа доволно

совет за сè што му е потребно за спасение во законот Божји. Блажен е оној човек кој никогаш не застанал на патот по кој одат грешници или, ако застанал, се покајал и се вратил на патот на животот, кој е од Господа. Блажен е оној човек кој не седи во друштво на развратници кои ги погубуваат невините души со својот соблазнувачки пример. Бидејќи за тој што соблазнува е речено: „За него е подобро да му се обеси воденички камен на вратот и да потоне во морската длабочина“ (Мт. 18:6).

Браќа мои, блажени сте сите вие, мажи и жени, кои внимателно се оттргнувате од овие три зла: од безбожнички мисли и совети, од грешни дела и од соблазнување на другите. Сите тие три зла се како една иста отровна змија која од малечка пораснува во голема.

О Господи благ, наш Создателу, помогни ни со Твојата сила и со Твојата добрина да се спасиме од оваа лута змија, која Ти, Господи Христе, ја победи со Твојот чесен Крст, непобедливото оружје. Помогни ни да го слушаме само Твојот совет, да одиме само по Твојот пат и да светиме само со Твојот пример. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

2 ОКТОМВРИ

1. Св. Андреј Јуродив. Словен по потекло. Како роб бил купен од некој богат човек Теогност во Цариград за време на царот Лав Мудриот, син на царот Василиј Македонецот. Андреј бил прекрасно момче и по тело и по душа. Теогност го засакал Андреја и го дал да се школува. Андреј искрено се молел на Бога и со љубов ги посетувал црковните богослужби. Кога му се случило некое небесно јавување, тој се решил на подвигот безумство заради Христа. И еднаш, кога отишол по вода од бунарот, тој ги искинал и со ножот ги исекол алиштата на себе и се направил безумен. Разжалостен заради тоа, неговиот господар Теогност го врзал со синџири и го однесол во црквата на св. Анастасија да му се читаат молитви. Но како Андреј не се поправил во очите на својот господар, бил пуштен на слобода како безумен и умоболен. Свети Андреј дење се преправал како безумен а ноќе цело време Му се молел на Бога. Живеел без покрив и засолниште. Ноќевал во полето, одел полугол во ед-

на искината облека, јадел по малку леб кога добрите луѓе ќе му даделе. Од она што го добивал тој им делел на просјаците, и тоа кога ќе им дадел ги карал за да не му благодарат, бидејќи целата награда свети Андреј ја очекувал од Бога. Затоа и големата благодат Божја се вселила во него, та можел да прозира во човечките тајни, гледал ангели и ѓаволи, ги гонел демоните од луѓето, ги одвраќал луѓето од гревот. Имал најубави виденија за Рајот и за највозвишените небесни сили; Го видел Господа Христа на престолот на славата; со својот ученик Епифаниј ја видел Пресвета Богородица во црквата Влахерна како со својот покров го покрива родот христијански (види, Покров на Богородица); слушнал на небесата неискажани зборови што не смеел да им ги повтори на луѓето. После многу тешки подвизи, се упокоил во 911 година и се преселил во вечната слава на својот Господ.

2. Свешт. мч. Кипријан и Јустина девица. Кипријан бил доселен од Картагина во Антиохија, каде што живеела и Јустина со своите родители Едесиј и Клеодонија. Едесиј бил идолски жрец и целиот негов дом бил незнабожечки. Но кога Јустина, одејќи по христијанските цркви, ја познала вистинската вера, таа ги обратила и татка си и мајка си кон Христа Господа. Сите тројца примиле крштение од епископот Оптат. Кипријан бил мудрец, имал врски со нечистите духови и гатал. Некое расипано момче Аглаид безбожник, на секој начин сакал да ја прелаже Јустина, бидејќи го заслепила со својата убавина, па како св. девица одлучно го одбила, тој побарал помош кај Кипријан. Кипријан ги наведувал лошите духови едни по други на Јустина за да ѝ ја разгорат нечистата страст по Аглаид, но во тоа не успеал, бидејќи Јустина со крстниот знак и со молитвата кон Бога ги отфрлила од себе сите лоши духови. Тогаш Кипријан ја познал силата на крстот и самиот се крстил и со тек на времето постанал презвитер и епископ. Разлутените незнабожци го оптужиле него и Јустина, и двајцата биле предадени на суд во Дамаск, по што биле мачени и погубени во Никомидија, кон крајот на III век.

3. Св. мч-ци Давид и Константин. Биле христијански кнезови од Аргвент. На смрт биле осудени за Христа во Имеретија од калифот Емил–ел–Муменим и биле удавени во река, во 730 година. Пред смртта, Му се молеле на Бога да им ги опрости гревовите на сите оние кои ќе ги повикуваат нив во молитвите за помош. По завршената молитва, пукнал гром и се чул глас од небото дека молитвата им е

услишена. Нивните свети мошти им почиваат во Грузија, во манастирот „Моцамета“.

РАСУДУВАЊЕ

Видението на св. Андреј Јуродив. Некој монах во Цариград бил познат подвижник и духовник и народот многу му доаѓал на молитва. Но тој монах имал таен порок на среброљубие. Парите ги собирал, но никому не му давал. Св. Андреј го сретнал на улица и видел околу неговиот врат завиткана страшна змија. Со сожалил над него, му пристапил и почнал да го советува: „Зошто, брату, својата душа си ја погубил? Зошто си се поврзал со демонот на среброљубието? Зошто си му дал почивка во себе? Зошто собираш злато, мислејќи дека тоа ќе дојде со тебе во гробот, а не во рацете на другите? Зошто се давиш себеси со тврдокорност додека други гладуваат и се жедни, умираат од студ, а ти се веселиш гледајќи во множеството злато? Зар е тоа патот на покајание? Зар е тоа монашкиот чин?... Го гледаш ли оној?“ Во тој час му се отвориле очите на монахот и го видел црниот демон и многу се исплашил. А демонот се симнал од монахот и побегнал гонет со силата на св. Андреј. Тогаш пристапил пресветлиот ангел Божји кај тој монах, бидејќи срцето негово се изменило на добро. И веднаш монахот отишол и го раздал сето свое собрано злато на немоќните и на сиромасите.

Потоа Му угодил на Бога во сè и се прославил многу повеќе отколку порано.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за правдата на царот Језекиј и наградата Божја, (II Лет. 30–31), и тоа:

1. како царот Језекиј извршувал сè добро и праведно и вистинито пред Господа;

2. како ја повратил светоста на Господовиот храм и ги истребил идолите и идолопоклонството кај народот;

3. како Бог го помилувал и бил среќен во сè.

БЕСЕДА
за волјата на праведникот
и за Божјата волја

Па му омилел законот на Господа и во законот Негов дење и ноќе се поучува (Пс. 1:2).

Блажен е оној човек, браќа, и трикратно е блажен, чија што волја е потчинета на Божјата волја, чиј што ум ништо не умува спротивно на советот Божји и чие што срце ништо не сака спротивно на Божјата желба. Умот е водич на волјата и на срцето. Ако е умот постојано упатен кон Бога, тогаш тој жедно ќе се поучува дење и ноќе во законот Божји и нема да оди на совет безбожнички, туку ќе бара вистина и објаснување на сè во Божјиот закон. Ако е умот така упатен кон Бога, тогаш и човечкото срце и човечката волја брзо ќе се упатат кон Бога. Тогаш волјата, како извршен орган на внатрешниот човек, ќе го извршува само она што е согласно со Божјата волја и што е пропишано во законот Божји. Тогаш човекот нема да застане на патот на грешникот, ниту ќе биде во друштво на развратници, т.е. нема да прави грев, ниту пак другите луѓе ќе ги наведува на гревот. Во почетокот на овој псалм, пророкот Давид го пофалува човекот кој не ги прави трите зла, а сега продолжува да го фали кога прави две добра. Трите зла се: да се бара мудрост на грешникот, да се живее со живот на грешник и да ги соблазнува другите луѓе со својот лош пример. Двете добра се: потполно да се сообрази својата волја со законот Божји и да се упати својот ум да се поучува дење и ноќе во законот Божји.

О браќа мои, колку е жалосно плиток умот кај сите оние кои не го познаваат законот Божји. Длабочината на човечкиот ум се мери со познавањето на длабочината на законот Божји. Кој и да се поучува во тајните на законот Божји, неговиот ум е длабок и широк и возвишен. А умот е водич на срцето и волјата. О браќа мои, колку е плитка, превртлива и расипана волјата кај сите оние кои својата волја не ја потчинуваат на волјата Божја! Навистина тажно е плитка, превртлива и расипана. Што е законот Божји, браќа? Тоа е изразот на волјата Божја. Каде се наоѓа тој израз? Во ***Светото писмо*** и во преданието на светителите на црквата Божја. Блажен е оној човек кој ќе ја познае волјата Божја и кој ќе ја извршува.

О Господи Боже, голем и силен, милостив и праведен, просвети го нашиот ум со Твојот свет закон, и упати ја нашата волја кон Твојата волја, волја човекољубива и спасоносна. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

3 ОКТОМВРИ

1. Свешт. мч. Дионисиј Ареопагит. Се вбројува во седумдесетте помали апостоли. Овој чуден маж бил од познато безбожничко семејство од Атина. Откако завршил философско училиште во Атина, отишол во Египет уште да учи. Во тоа време, еден ден починал Господ Христос на крстот, Сонцето се помрачило и се стемнило во Египет 3 часа. Тогаш Дионисиј извикал: „Или Бог Творецот на светот страда или овој свет се свршува". Враќајќи се во Атина, се оженил со Дамара и со неа имал синови. Бил член на највишиот грчки суд, Ареопагит, заради што и му останало прекарот *Ареопагит*. Кога апостолот Павле го проповедал *Евангелието* во Атиона, Дионисиј со целиот свој дом се крстил. Од Павле бил посветен за епископ Атински (бидејќи ги оставил и жената и децата и својот позив заради Христовата љубов). Патувал со Павлета доволно долго за да ги запознае и сите останати Христови апостоли. Одел специјално во Ерусалим за да ја види Пресвета Богородица и таа средба со неа ја опишал во едно свое дело. Бил и на погребот на Пресвета Богородица заедно со останатите апостоли. Кога неговиот учител св. Павле маченички пострадал, и Дионисиј си посакал таква смрт за себе. И Отишол во Галија на проповед на ***Евангелието*** помеѓу варварите, заедно со презвитерот Рустик и со ѓаконот Елевтериј. Претрпел многу, но и многу успеал. Со негов труд многу незнабожци се обратиле во верата Христова. Дионисиј во Париз изградил мала црквичка, во која служел Божја служба.[16]) Кога имал 90 години, бил фатен и бил мачен за Христа заедно со Рустик и со Елевтериј, додека сите тројца најпосле не биле исечени со меч. Отсечената глава на Дионисиј отскокнала многу далеку и паднала пред некоја христијанка Катула, која заедно со телото чесно го погребала. Пострадал во времето на Доме-

[16]) Некои историчари мислат дека Дионисиј Париски е друга личност, која се разликува од Дионисиј Ареопагит.

тијан, во 96. година. Ги напишал познатите дела: за имињата Божји, за небесната и црковната ерархија, за таинственото богословие, за Пресвета Богородица.

2. Преп. Јован Хозевит. Египќанин. Се подвизувал во хозевитскиот манастир во времето на царот Јустинијан. Кога и да служел литургија, гледал небесна светлина во олтарот. Во негова близина се поздвизувал старецот Ананиј. Чудесно било смирението на овие светители. Некој човек го довел својот безумен син кај старецот Ананиј со молитва да го исцели. Ананиј го испратил кај св. Јован како поголем од себе. Јован, пак, не можел да не го послуша старецот, но извикнал: „Во името на Исуса Христа, Ананиј ти заповеда а не јас, да излезеш од ова момче“. И момчето веднаш оздравело.

3. Преп. Дионисиј Печерски. Јеромонах и затвореник. На Воскресение, во 1463 година, нему му се случило ова. Со крст и со кадилница тој минувал низ пештерите за да ги покади моштите и гробовите на починатите светители. Преисполнет со воскресенска радост, влегувајќи во една пештера, извикнал: „Свети отци и братија, Христос воскресна!“ Во тој час, од гробовите, одекнал силен како гром глас: „Навистина воскресна!“

4. Св. Исихиј Хоровит. Порано не се грижел многу за спасението на својата душа. Но тешко се разболел и умрел, па се повратил од смртта и оздравел. Тоа потполно го променило. Тој се затворил во Света Гора во келијата и со никого не проговорил ниту еден збор цели 12 години. Пред смртта, монасите му ја отвориле келијата и го замолиле да им каже некоја поука. Тој само рекол: „Кој помислува на смртта, не може да погреши!“ Од него произлегле т.н. „Исихисти“, кои молчењето, богомислието и умната молитва ги истакнувале како врховна дејност на вистинските монаси. Тие имале посебен скит на исихисти, или безмолвници во Св. Гора. Се раскажува за св. Григориј Богослов дека бил безмолвник за време на чесниот пост. Св. Исихиј живеел во VI век.

РАСУДУВАЊЕ

Видение на св. Андреј. Св. Андреј, одејќи по цариградските улици еден ден видел голема и сјајна поворка. Некој богат човек умрел и неговиот спровод бил величе-

ствен. Но кога подобро се загледал, Андреј околу носилката видел многу црнци како скокаат околу мртовецот со веселие, ѐдни смеејќи се како блудници, други лаејќи како кучиња, трети гровтајќи како свињи, а четврти го посипувале телото на мртовецот со некаква смрдлива течност. Ѝ сите се им подбивале на пејачите, говорејќи: „Пеете над куче!“ Зачудениот Андреј размислувал какви се делата на тој човек? Се свртел и видел како едно прекрасно момче стои покрај ѕидот и плаче. „Те молам, кажи ми која е причината што плачеш?“ – прашал Андреј. Тогаш момчето му рекло дека тој бил ангелот–хранител на починатиот, но дека тој со своите гревови го навредил Бога, ги отфрлил од себе советите на својот ангел и потполно се предал на црните ѓаволи. И ангелот рекол дека тој човек бил голем и непокајан грешник: лажливец, човекомразец, скржав, кривоклетник и блудник. Триста човечки души ги осквернил со блуд. Залудно бил чествуван од царот и од луѓето. Залудна била и таа голема поворка. Смртта го стигнала непокајан и жетвата му дошла одненадеж.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното избавување на Ерусалим од Асирците (II Лет. 32), и тоа:

1. како Сенахерим со силна војска ги опколил ѕидовите ерусалимски и се потсмевал на Израиловиот Бог;
2. како Језекиј со пророкот Исаија сесрдно се молеле на Бога за избавување;
3. како ангелот ноќе избил 185 000 Асирци; Сенахерим бил убиен од своите синови и Ерусалим бил спасен.

БЕСЕДА
за стравот и радоста во Бога

Служеше Му на Госџода со сшрав и радувајше се со шрейеш (Пс. 2:11).

На царевите и на земните судии пророкот Божји им ги говори овие зборови бидејќи тие се склони на свирепост и расипништво заради силата и богатството што им било да-

дено. О цареви и судии, грутки прашина под Божјите нозе, не заборавајте дека вие сте само слуги Божји, наемници од денес за утре! На што мисли наемникот во нивата копајќи цел ден? На дневницата што вечерта ќе ја прими. Со што се гордее наемникот? Не со тежнеење, туку со платата. На што се радува наемникот? На трудот, потта или на платата? Секако, на платата. И вашата служба на нивата на овој живот е наемничко тежнеење, о цареви и судии. Затоа служете Му на својот Господар, Кој вас ве најмил, со страв, бидејќи не знаете како вашиот Господар на крајот ќе го оцени вашиот труд и каква плата ќе ви даде. Служете со голема смиреност говорејќи си самите на себе: „Ние сме непотребни слуги" (Лк. 17:10). Не се знае дали ќе примите награда или казна кога ќе слезете во гробот и кога ќе излезете пред Царот и Судијата. Оттука стравот мора да ги исполнува сите денови од вашата служба.

Радувајте се со трепет. Радувајте се со чиста и света радост како што се радуваат и ангелите на живиот и непристапен Бог. Со чистота и со светост мириса рајската радост, а адската злорадост ја придружува расипничко смеење. Затоа рајската радост е трајна, додека адската смеа се променува со гнев и со лелекање.

Служете со страв, бидејќи Господ е праведен; радувајте се со трепет, бидејќи Господ е возвишен и свет.

О Господи Боже наш, праведен и возвишен, страшен и свет, целиот наш живот на земјата е служба на Тебе и радост за Тебе. Ако не Ти служиме на Тебе, ѝ служиме на својата пропаст; и ако не се радуваме за Тебе, се радуваме за својот црн злотвор. Ти се поклонуваме и Ти се молиме, помогни ни, нашата служба да ја управуваме со страв од Тебе, а нашата радост да ја чистиме со трепет од Тебе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

4 ОКТОМВРИ

1. Свешт. мч. Еротеј. Бил другар на св. Дионисиј Ареопагит и малку по Дионисија ја примил верата Христова од апостолот Павле. Подоцна овој апостол го поставил за епископ Атински. За време на Успението на Пресвета Богородица и Еротеј се јавил во Ерусалим и учествувал на погребението. Со своето божествено пеење привел многумина

кон срдечно умиление и себе се покажал како човек одозгора надарен. Многу се потрудил на евангелското дело, многу незнабожци обратил кон вистината, добро го упатил своето словесно стадо и најпосле маченички завршил за Христа, кој му дал двоен венец во Своето царство небесно: венец на јерарх и венец на маченик.

2. Св. Стефан Штиљановиќ. Српски деспот. Родум од Паштровиќ. Управувал со српскиот народ во претешки прилики, борејќи се храбро против Турците и Латините. Како Божји праведник и родољуб, овој кнез може да се спореди со св. Александар Невски или со св. Јован Владимир. Се упокоил во почетокот на XVI век (според некои во 1515 година). На неговиот гроб ноќе се појавувала светлина според која и се пронајдени неговите свети мошти, кои долго почивале во фрушкогорскиот манастир Шишатовец, па за време на Втората светска војна се пренесени во Белград и се положени во Соборната црква покрај телото на кнезот Лазар. Неговата жена Елена, кога ги видела нетрулежните мошти на Стефан и чудата од истите, се замонашила и се предала на подвиг до смртта.

3. Преп. Амон. Египќанин по род и лозар по професија. Неговите роднини, и покрај противењето, го ожениле, но тој не сакал да живее со жената, туку од првиот ден ја нарекол сестра и ја посоветувал заедно со него да ја чуваат својата девственост заради возвишеното богатство на небесата. Така со жената поживеал полни 18 години. Потоа, со договор, жената основала женски манастир во нивниот дом, а Амон отишол во Нитриската пустина, каде што се предал на отшелнички подвиг. Примил големи дарови на видовитост и на чудотворство заради чистотата на своето срце. Некој маж и жена му го довеле својот побеснет син со молитва да го излекува. Амон никако не сакал. По долго настојување на родителите, Амон рекол: „Во вашите раце се и болеста и здравјето на вашето дете. На онаа вдовица (ѝ го кажал името) вратете ѝ го украдениот вол и вашиот син ќе оздрави". Изненадени родителите од таквата видовитост на светителот, го признале својот грев и ветиле дека штом ќе дојдат дома ќе го вратат украдениот вол. Тогаш св. Амон се помолил на Бога и детето оздравело. Амон бил близок другар на св. Антониј Велики. Кога Амон завршил во Нитрија, околу 350 година, св. Антониј од својата келија ја видел душата на Амон во височините и им рекол на браќата: „Денес се прет-

стави ава Амон, све ја гледам неговата душа како ангелите ја носат на небото".

4. Преп. Павле Припрост. До својата 60. година живеел во светот како оженет човек. Откако ја затекол својата жена во грев, тој оставил сè и отишол во пустината кај св. Антониј и примил монаштво од него. Иако бил прост и неук, достигнал такво духовно совршенство што кај секој човек ја гледал душата како што обичните луѓе го гледале телото еден на друг. Бил голем чудотворец, а во некои случаи го надминал и св. Антониј. Завршил во длабока старост во 340 година и се преселил во ангелската радост.

РАСУДУВАЊЕ

Видение на св. Андреј. Не бил само апостолот Павле вознесен во Рајот и кој ги слушнал *неизреченийе зборови* (II Кор. 12;4). По апостолот Павле, 850 години потоа, исто се случило и со св. Андреј. Една зимска ноќ св. Андреј легнал на буништето помеѓу кучињата за да го стопли своето премрзнато тело. Тогаш му се јавил ангел Божји и го дигнал во Рајот (во тело или вон телото, тоа не можел ни самиот Андреј да го објасни) и две недели го држел во небесниот свет, водејќи го до третото небо. „Се видов себе облечен во пресветла облека, како од молња исткаена и венец од цвеќе на мојата глава, и со царски појас бев опашан, и се радував многу заради таа убавина и се чудев со умот и срцето на неискажаната убавина на Божјиот Рај, и одев по него и се веселев..." Потоа св. Андреј опишува како Го видел Христа Господа: „И кога некоја огнена рака ја повлече завесата, Го видов мојот Господ, како некогаш пророк Исаија, како седи на возвишениот и превозвишен престол и серафими стоеја наоколу. Беше облечен во црвена кошула, со пресветло лице, а Неговите очи прељубезно гледаа во мене. Кога Го видов, паднав ничкум пред Него, поклонувајќи се на сјајниот и страшниот престол на Неговата слава. Колкава радост ме обзеде при видението на Неговото лице не е можно да се искаже; и сега споменувајќи си за тоа видување се исполнувам со неискажана радост... И Го слушнав премилостивиот мој Творец, кој со Своите преслатки и пречисти усни, ми кажа три збора што толку го засладија моето срце и ја разгореа љубовта кон Него, што целиот како восок се топев од духовната топлина..." Кога св. Андреј потоа посакал да ја види

Пресвета Богородица, му било речено дека во моментот таа не е на небото, туку се симнала во светот да им помага на бедните и да ги утешува неволните.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за неправдата на царот Манасиј и казната Божја (II Лет. 33), и тоа:

1. како Манасиј го обновил идолопоклонството и гатањето, и правел сè што е лошо пред Господа;
2. како Бог допуштил, та Халдејците го фатиле Манасија во трње, го врзале и го одвеле во Вавилон.

БЕСЕДА
за корисниот гнев

Гневеше се и не грешеше (Пс. 4:4).

Гневете се, браќа, на себе и повеќе не грешете. Гневете се на своите гревови според мислите и делата и повеќе не грешете. Гневете се на сатаната, таткото на лагата и не извршувајте ја повеќе неговата волја. Гневете се на гревот во светот и на нападите на Божјата Црква од луѓе безбожни, но чувајте се гревот да не го лекувате со грев. Гневете се и на вашите пријатели кога грешат, но гневете се со намера да ги поправите, а не повеќе да ги разгневите. Гневот на пријател над пријател и родител над децата свои – што зборувам? И Бог над луѓето – не е бура што го искоренува дрвото, туку е ветар што го закрепнува дрвото и од него ги симнува гнилите плодови, та здравите плодови да бидат што подобри и поубави. Но твојот гнев нека има намера да биде лековит, а не отровен. А за да имаш мерка, чувај Го Бог пред себе и во својот гнев. Гневот не може да има посилен став и брана од Бога. Секој гнев што не е во името на Бога и на Божјата правда, е грев. Не гневи се за безработицата, туку гневи се за она што се гневи и Бог. Ако твојата волја е утврдена во законот Божји, ти секогаш ќе умееш да се гневиш каде што треба и колку што треба. Тоа не може сè со зборови да се искаже ниту на неучениот да му се објасни. Гневот на своето место дејствува како и милоста на своето. О браќа

мои, гледате ли како во нашата душа се положени разни сили што човекот може според својата слободна волја да ги употреби на живот или на смрт? Гневот на самиот себе не може доволно да се препорача. Гледај чудна глетка: колку повеќе човекот ќе се научи да се гневи на себе, тоа помалку им се гневи на другите, бидејќи занесен со своите слабости, тој туѓите или не ги гледа или кога ќе ги види им суди благо.

О Господи Боже, единствен праведен, всади го во нас сеќавањето на Денот на Твојот праведен гнев за да се сочуваме од духовниот грев. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

5 ОКТОМВРИ

1. Св. мч-чка Харитина. Како сираче во детството, била посвоена од некој угледен човек и христијанин Клаудиј, кој ја воспитал како своја родена ќерка. Харитина била кротка, смирена, послушна и молчалива. Денонокно се поучувала на законот Божји и дала завет дека векот ќе го проживее во девство како вистинска невеста Христова. Но како што Харитина и други обраќала кон Христовата вера, за неа слушнал намесникот на царот Диоклецијан, некој си Дометијан и испратил војници, ја грабнале од кај нејзиниот старател и ја извеле пред суд. Судијата ја прашал: „Дали е вистина, девојко, дека си христијанка и дека и други наговараш приведувајќи ги кон нечистата вера?“ Харитина одговорила храбро: „Вистина е дека сум христијанка, а лага е дека другите ги наговарам, туку заблудените ги изведувам на патот на вистината, приведувајќи ги кон мојот Христос“. Лошиот судија наредил да ѝ ја истрижат косата и ѝ ставиле жар на главата. Но со Божја сила девицата била сочувана. Ја фрлиле во морето, но Бог ја избавил од морето. Ја врзале на тркало и почнале да ја вртат, но ангел Божји го застанал тркалото и Харитина останала неповредена. Тогаш злобниот судија испратил некои лоши момчиња да ја осквернат. Плашејќи се од бесчестие, Харитина се помолила на Бога да ѝ ја прими душата пред тие развратници да ѝ го осквернат нејзиното девојчинско тело. И додека клечејќи се молела на Бога, нејзината душа излегла од неа и се преселила во бесмртното Христово царство.

Свешт. мч. Дионисиј епископ Александриски. Роден е во Александрија од познати и безбожни родители и бил воспитан во грчката филозофија, а потоа се учел и кај Ориген. Како млад ги прочитал посланијата на св. ап. Павле, поверувал во Христа и се крстил од Димитриј, тогашниот епископ во Александрија. Во 247 година постанал епископ во истиот град и му послужил на Бога и на народот Божји како вистински пастир, и тоа под многу тешки услови. Однадвор Црквата била гонета од незнабожците, а однатре била распарчувана од еретиците. Притоа уште удрила и чума што ги ништела луѓето во период од неколку години. Три години проживеал надвор од Александрија, скриен од верните, предвреме да не погине. Во тие три години тој напишал многу посланија и други состави на својата паства, поучувајќи ги и храбрејќи ги во чувањето на православието. Помеѓу неговите списи се наоѓаат и неколку канони што ги прифатила Црквата. Исто така и неговото писмо против Новацијаните се смета за канонско писмо. Управувал со Црквата 17 години и се упокоил во 265 година.

3. Преп. Евдоким Ватопедски. Во 1841 година, кога во „Ватопед" ја поправале костурницата, мајсторите ги пронашле моштите на некој човек во положба на клечење и со икона на Пресвета Богородица на градите во рацете. Необичен чуден мирис се разлеал од тие мошти. Монасите не знаејќи ни кој бил тој свет маж, ни кога живеел, му дале име Евдоким и неговите мошти ги пренесле во црквата каде што и денес постојат. Од тие мошти се случиле многу чудни исцелувања. На сребреното ковчеже и сега стојат изрежаните зборови: „Ова ковчеже го изработи монахот Гаврил за чесната глава на св. Евдоким, кого овој светител го исцелил од тешката болест".

4. Преп. Дамјан, Јеремиј и Матеј. Печерски видовити мажи и чудотворци. Сите од XI век.

РАСУДУВАЊЕ

Кога луѓето вложуваат голем труд во барањето на вистината и кога ништо друго не ѝ претходи на вистината, Бог со своите лесни начини им излегува во пресрет. Тоа ни го покажува и животот на св. Дионисиј Александриски. Уште како млад и незнабожец, Дионисиј ја прочитал сета грчка литература за да дојде до вистината. Па кога со тоа не

бил задоволен, почнал да чита сè што ќе му дојдело при рака. Еден ден, по Божја промисла, го сретнала една сиромашна жена и му понудила да му продаде неколку посланија од ап. Павле, рачно напишани во тетратки. Дионисиј со задоволство ги купил и ги прочитал. Тоа толку го воодушевило што повторно ја побарал жената и ја прашал дали може да се добијат уште такви посланија. Жената го упатила кај христијанскиот свештеник и тој му ги дал сите Павлови посланија. Откако прочитал внимателно сè, Дионисиј поверувал во Христос и се крстил без никакво двоумење.

Втор случај. Во местото Арсиној се раширила ереста на хилијастите кои погрешно учеле дека Христос наскоро ќе дојде и на земјата да основа земно царство што ќе трае илјада години. На чело на таа ерес бил некој Коракион. Св. Дионисиј се потрудил и отишол во Арсиној да ги разубеди хилијастите и да го спречи ширењето на ереста помеѓу верниците. На големиот собир помеѓу хилијастите и православните, Дионисиј се расправал со Коракион и со останатите водачи на хилијазмот. Полни три дена траела таа расправија. Голема ревност покажале древните христијани во докажувањето на вистината. Бог го благословил нивниот труд и нивната ревност заради молитвите на св. Дионисиј. На крајот на расправата Коракион со сите хилијасти го отфрлил своето погрешно учење и го примил православното учење на св. Дионисиј.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за покајанието на царот Манасиј и Божјото опростување (II Лет. 33), и тоа:

1. како Манасиј, живеејќи како роб во туѓина го увидел својот грев и се покајал и се помолил на Господа за прошка;
2. како Бог му опростил и го ослободил од ропство;
3. како потоа, Манасиј до смртта правел сè што е добро пред Господа и мирно царувал.

БЕСЕДА
за објавеното богатство

Мнозина велат: *Кој ќе ни покаже што е добро* (Пс. 4:7).

Колкаво богатство е Бог, браќа мои. Кој збор може да го искаже тоа богатство? Големо богатство е царството небесно со пламените ангели, со прекрасни светители, со слаткиот Рај. Кој може да го опише тоа богатство? Големо богатство е бесмртниот живот во близина на Бога и на Божјите ангели, во друштво на светителите и праведниците. Големо богатство е средбата со своите родини и пријатели во небесниот свет, со своите родители, со децата свои, со своите најмили кои со своето заминување нè оставиле во тага и жалост. Кој ќе ни ги објави сите тие богатства, многумина се прашувале за време на царот Давид, а се прашуваат и денес. Кој ќе ни ги покаже, па да веруваме и да се надеваме?

Нам, на христијаните, тие богатства ни се јавени и ние не очекуваме друг да ни ги јави, освен Христос, вистинскиот сведок на сите тие богатства, вистински сведок и господар, браќа, на сите тие богатства. Тие богатства им ги јавувал милосрдниот Господ и пред Своето доаѓање на земјата, на пророците. На Своите избраници. Затоа пророк Давид и Му вели на Бога: „Ни се покажа на нас светлината на Твоето лице, Господи". Тоа е одговор на оние кои прашуваат: „Кој ќе ни ги покаже богатствата?" Самиот Бог ни ги јавува тие богатства. Светлината на Господовото лице ни се покажа на нас, т.е. се впиша и се врежа во нашите срца и во таа светлина ги препознаваме сите оние богатства што само небото може да ги даде. Има ли лек, браќа, за оние кои слушнале за доаѓањето на Христос на земјата или, пак, прашуваат кој ќе ни јави за богатствата? Ако Христос не ги јавил и објавил сите тие богатства со Своето светло раѓање, со Своите светли чуда, со Своето светло воскреснување, со Својата светла Црква, навистина црната земја нема да објави затоа што не може, луѓето нема да јават затоа што не знаат. Има, има лек за секого, дури и за најтврдиот неверник, има лек сè до смртниот час. Тој лек е во покајание на својата лошотија, во очистување на своето срце, во исполнување на Христовите заповеди. Здравите можат да ја видат светлината на лицето Господово, а не болните по душа, нечистите по срце и изопачените во умот.

О Господи Боже наш, светлино на ангелите и на луѓето, помогни ни со гревовите да не ја помрачиме Твојата светлина што си ни ја дал и во која ги гледаме небесните богатства. Не лишувај нѐ нас, Многумилостив, од тие богатства. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

6 ОКТОМВРИ

1. Св. апостол Тома. Еден е од дванаесетте големи апостоли. Преку неговиот сомнеж во воскресението на Христа Господа се добило нова потврда за тој чуден и спасоносен случај. Имено, воскреснатиот Господ повторно им се јавил на учениците за да го увери Тома. И Господ му рекол на Тома: *Дај ја ракаѿа своја и сѿави ја во ребраѿа Мои; и не биди неверлив, но верлив.* Тома извикал*: Госѿод мој и Бог мој* (Јн. 20:27,28). По слегувањето на Св. Дух, кога апостолите се договарале каде кој ќе оди на проповед, на Тома му се паднало да оди во Индија. Тој малку се нажалил што морал да оди во толку далечна земја, но Господ му се јавил и го охрабрил. Св. Тома во Индија обратил многумина, големци и сиромашни во верата Христова и таму ја основал Црквата поставувајќи свештеници и епископи. Помеѓу другите, Тома обратил и две сестри, жени на двајца индиски кнезови, Тертијана и Мигдонија. Заради верата, овие две жени биле многу мачени од своите сопрузи со кои не сакале повеќе да живеат по своето крштавање и се развеле. Ослободувајќи се од бракот, тие поживеале богоугоден живот сѐ до смртта. Дионисиј и Пелагија, прво свршени меѓусебно, кога ја слушнале апостолската проповед, не заживеале заедно, туку се посветиле на подвигот. Пелагија го завршила својот живот како маченичка за верата, а Дионисиј од апостолот бил поставен за епископ. Кнезот Муздиј, мажот на Тертијана, на кого Тома му ги крстил и жената и синот Азан, го осудил апостолот на смрт и испратил пет војници кои го проболе со пет копја. И така, свети апостол Тома ја предал својата душа во рацете на својот Христос. Пред својата смрт, тој, како и други апостоли, бил на чуден начин пренесен во Ерусалим, на погребот на Пресвета Богородица. Бидејќи стасал подоцна, многу се нажалил и на негова молба го отвориле гробот на Светата Пречиста, но телото нејзино не го нашле таму. Господ ја зел Својата Мајка во Своите небесни населби. И

така св. Тома само со своето неверување ја утврдил верата во воскресението на Господа, а пак овде, со своето задоцнување, ни го открил чудното прославување на Божјата Мајка.

2. Преп. новомач. Макариј. Роден е во местото Кион во Витинија од христијански родители Петар и Антуса и крстен со името Мануил. Родителите го дале да изучува кројачки занает. Тогаш татко му се потурчил и се преселил во Брус. Кога еднаш Мануил дошол по работа во Брус, го нашол таткото, кој му се нафрлил со сила да го потурчи. Залудно Мануил се противел: Турците насилно го обрежале. Тогаш Мануил побегнал во Св. Гора и се замонашил во скитот „Св. Ана" и се нарекол Макариј. Бил многу добар монах 12 години но никако немал душевен мир. *А кој ќе се одрече од Мене пред луѓето, и Јас ќе се одречам од него пред Мојот Отец небесен* (Мт. 10:33). Овие Христови зборови непрестајно му одекнувале во ушите на Макариј. Затоа решил, со благослов на својот старец, отишол во Брус и јавно ја исповедал пред Турците верата во Христа, нарекувајќи го Мухамед лажен пророк. По камшикувањето од 130 дена и други уште потешки маки, бил погубен со меч во Брус, на 6 октомври 1590 година. Еден дел од неговите чудотворни мошти се чува во скитот „Св. Ана" на Атон.

РАСУДУВАЊЕ

Имаме од Бога дом, куќа неракотворна, вечно живеалиште на небесата, вели видовитиот апостол Павле (II Кор. 5:1). Сите наши трудови по Бога на земјата имаат иста цел, според нашата сила да ја заслужиме таа неракотворна вечна куќа не небото. Некој индиски цар Гундафор намислил да си ѕида прекрасен дворец каков што нема на земјата. Кога неговиот пратеник Аван побарал искусен мајстор за да му ѕида на царот таков дворец, според Божјата промисла, го сретнал апостолот Тома, велејќи му дека тој е мајстор и дека никој друг не може да му го изгради на царот тоа што го сака освен тој. Тома добил многу злато од царот за изградба на тој дворец. Но штом излегол од кај царот, апостолот сето злато го разделил на сиромасите. По две години царот ги испратил своите слуги да го прашаат Тома дали дворецот е готов, кој требало да се гради некаде далеку од престолнината. Тома одговорил: „Сѐ е готово, освен покривот". И побарал од царот уште пари, а царот му испратил. Тома пов-

торно раздал сè на сиромасите, па отишол во престолнината по своја работа, т.е. го проповедал ***Еванѓелието***. Царот дознал дека Тома не го ни започнал дворецот, го фатил и го фрлил во затвор. Таа ноќ умрел братот на царот и царот паднал во голема жалост. Ангелот ја зел душата на починатиот и го прошетал низ Рајот, и му покажал еден прекрасен дворец каков што човечкиот ум не може ни да го замисли. Душата на умрениот посакала да влезе во тој дворец, но ангелот му рекол дека не може, бидејќи тоа е дворецот на неговиот брат, кој му го изградил апостолот Тома со неговата милостина. Ангелот пак ја вратил душата во телото. Кога братот си дошол на себе, му рекол на царот: „Заколни се дека ќе ми го дадеш тоа што ќе ти го побарам“. И царот се заколнал. Тогаш братот му рекол: „Дај ми го твојот дворец кој го имаш на небесата“. Царот се зачудил и се посомневал како е можно да има дворец на небесата. Братот му опишал сè што се случило, царот му поверувал и веднаш го ослободил Тома од затворот, и кога ги слушнал од устата на апостолот зборовите за спасението и за вечниот живот, се крстил и царот и неговиот брат. Царот и понатаму се трудел со нови милосрдни дела, та и тој си изградил прекрасен дворец на небесата.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за неправдата на царот Амон и за Божјата казна (II Лет. 33), и тоа:

1. како Амон, синот на Манасиј, отстапил од Бога и вршел зло пред Господа;
2. како царувал само две години и го убиле неговите слуги.

БЕСЕДА
за покајанието на царот

Се уморив воздивнувајќи; секоја ноќ ѓо навлажнувам леѓлоѿо мое, со солзи свои ја наѿоџувам ѿосѿелаѿа моја (Пс. 6:6).

Денот се менува во ноќ, а ноќта во ден. Нека се менува и нашето дневно покајание во ноќно и ноќното во дневно. Дневното покајание, главно, се покажува со добри дела, а ноќното во молитва, воздишки и плач. Така им се оддолжуваме на деновите и на ноќите, исполнувајќи ги со она што вреди најмногу пред Бога и што ќе дојде со нас на Судот Божји. Погледни го царот Давид и види го вистинскиот пример на покајание. Не е доволно пред свештеникот да го исповедаш својот грев и веднаш да мислиш дека ти е опростен. Гледај, Давид пред пророкот Натан го признал својот грев велејќи: *Зѓрешив ѿред Госѿода* (II Цар. 12:13). Но големиот цар тоа не го сметал за доволно, туку непрестајно воздивнувал во молитва пред Бога и секоја ноќ со солзи на покајание го миел својот грев. Дури и лежењето во постела не му служело за одмор, туку за замор од покајничкиот плач, од плачот со воздишки. Не вели: „Давид убил и извршил прељуба, имал за што толку многу да се кае“. А зар ти со омраза не ги убиваш луѓето и со своите нечисти помисли и желби зар не вршиш прељуба? Овој живот не е за оправдување на себеси, брате, туку за свое претставување. Блазе му само на оној кого Бог ќе го оправда на Страшниот Суд.

Покајанието не е само за еден час или за еден ден. Тоа треба да биде наше внатрешно занимање до крајот на животот. *Секоја ноќ ѓо навлажнувам леѓлоѿо мое*, говори Давид. Со тоа не се вели дека преку ден не треба де се каеме, туку дека изливот на душевното покајание е поудобно ноќе отколку преку ден. Во ноќната тишина и нашите гревови и Судот Божји појасно ни излегуваат пред очите... И зар ноќта не нè опоменува појасно на смртта отколку денот? И нашата постела на блискиот гроб?

О Господи праведен и чуден, не можеме ни вистински да се покаеме без Твојата помош. Помогни нѝ, Себлаг, да можеме да ги видиме нашите гревовни рани и да ја почувствуваме нивната смрдеа и да заплачеме самите над себе пред нашите роднини да заплачат над нашето мртво тело;

Господи, пред нашите ангели чувари да заплачат над нашата душа кога ќе се втурне во незагасливиот оган. Помогни ни и спаси нè, Господи Боже наш. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

7 ОКТОМВРИ

1. Св. мч-ци Сергиј и Вакх. Овие свети и чудни маченици и јунаци на Христовата вера прво биле големци на дворецот на царот Максимијан. И самиот цар многу ги почитувал заради храброста, мудроста и верноста. Но кога слушнал царот дека двајцата негови големци се христијани, ја променил својата љубов кон нив во гнев. Еднаш, кога имало големо жртвопринесување на идолите, царот ги повикал Сергија и Вакха заедно со него да принесат жртва, тие отворено му откажале послушност на царот. Надвор од себе од лутина, царот наредил да ги соблечат од нив војничките алишта, прстените, одликувањата и ги облекле во женски алишта; уште им ставиле железни обрачи околу вратот и така ги воделе низ улиците на градот Рим на потсмев на сите и на секого. Потоа царот ги испратил во Азија, кај својот намесник Антиох на мачење. Антиох бил на тоа положба благодарение на Сергиј и Вакх, кои во свое време му го препорачале на царот. Кога Антиох почнал да ги советува да се одречат од Христа и да се спасат себеси од бесчетие, од маки и од смрт, овие светители му одговориле: „И честа и бесчестието, и животот и смртта – сè му е едно на оној кој го бара небесното царство“. Антиох го фрлил Сергија во затвор и наредил првин да се мачи Вакх. Слугите се менувале еден со друг тепајќи го светиот Вакх сè додека не му го здробиле целото тело. Од раздробеното и крвавото тело на св. Вакх излегла неговата света душа и на ангелски раце отишла кон Господа. Св. Вакх пострадал во градот Варвалис. Тогаш бил изведен свети Сергиј, облечен во железни опинци со забиени клинци и така бил отеран во градот Росаф во Сирија каде што бил со меч исечен; неговата душа отишла во Рајот и таму заедно со Вакх, својот другар, примиле венци на бесмртната слава од Христа Царот и од својот Господ. Овие прекрасни витези на верата Христова пострадале околу 303 година.

2. Св. мч. Полихрониј. Бил роден во Агатанидската епархија од селски родители. Како момче аргатувал во лозјето на некој човек од Цариград. Но и како аргат Полихрониј деноноќно се предавал на подвиг, на пост и на молитва. Гледајќи го неговиот ангелски живот според чистотата и воздржаноста, стопанот му се зачудил и му дал многу повеќе пари отколку што заработил. Св. Полихрониј ги зел парите и изградил црква. За време на Никејскиот собор Полихрониј бил чтец; во таа прилика тој покажал толку голема ревност во застапувањето на православието пред Аријаните што бил ракоположен за свештеник. Подоцна, овие злобни еретици поради одмазда го нападнале Полихронија во самата црква и го исекле на парчиња. Така пострадал овој голем бранител на вистината и на чистотата на православието и примил венец на слава од својот преславен Господ. [17])

РАСУДУВАЊЕ

Видение на св. Андреј. Еднаш свети Андреј седел со својот ученик Епифаниј и разговарале за спасението на душата. Тогаш ѓаволот му се приближил на Епифаниј и почнал да му прави некакви замки, та мислите да му ги оттргнува на друга страна, а на Андреј не смеел да му се приближи. Тогаш Андреј му викнал: „Оди си одовде нечист и нељубезен!“ Ѓаволот се тргнал назад и злобно одговорил: 'Ти си нељубезен, каков што нема во целиот Цариград!" Андреј не сакал веднаш да го избрка, туку го пуштил да зборува. И ѓаволот започнал: „Чувствувам дека доаѓа време кога мојот занает ќе пропадне. Тогаш луѓето ќе бидат полоши од мене, како и децата што ќе бидат полоши во лукавството од возрасните луѓе. Јас тогаш ќе се одморам и нема на ништо да ги учам повеќе луѓето, бидејќи тие самите од себе ќе ја извршуваат мојата волја“. Андреј го прашал: „На кои гревови

---

[17]) Во грчкиот *Синаксар* на овој ден се споменуваат 99 критски подвижници. Се вели дека стотиот никогаш не им се придружил, што се толкувало како стотиот да бил Христос Господ, нивниот водач. Најславен помеѓу нив бил св. Јован, голем молитвеник и чудотворец. Тој толку многу се молел на Бога клечејќи што најпосле не можел да се исправи на нозе, туку одел на колена. Некој овчар кога го видел таков помислил дека е некаков ѕвер и го застрелал. За големо чудо, во истиот ден починале сите 99 подвижници. Времето на нивниот подвиг не се знае.

најмногу се радува вашиот род?“ Ѓаволот одговорил: „Идолослужење, клевета, злоба против ближниот, содомски грев, пијанство и среброљубие, на ова најмногу се радуваме“. Андреј уште го прашал: „А како се однесувате кога некој прво ви служел, а потоа се одрекол од вас и од вашите дела?“ Ѓаволот одговорил: „Ти тоа подобро од мене го знаеш; тешко го поднесуваме, но се тешиме со тоа што пак ќе го вратиме кај себе како многумина кои што се одрекле од нас и се обратиле кај Господа, пак нам ни се вратија“. Кога лошиот дух го изрекол тоа, како и уште многу други работи, св. Андреј дувнал на него и тој исчезнал.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за правдата на царот Јосиј и за Божјата награда (II Лет. 34), и тоа:

1. како царот Јосиј ги истребил идолите и правел сè што е добро пред Господа;
2. како благословот Божји се излил врз него и врз неговиот народ за време на неговото долго царување.

БЕСЕДА
за децата и нивната пофалба на Господа

Од устата на младенците и доенчињата си ја создал пофалбата Своја заради непријателите Твои... (Пс. 8:2).

При свеченото влегување на Господ Исус Христос во Ерусалим, а потоа и во самиот храм, децата викале: „Осана на Синот Давидов! Благословен е Кој иде во името Господово!“ (Мт. 21). Изгледа дека ништо толку не ги раздразнило еврејските старешини како оваа пофалба на Исуса од страна на малите деца. „Слушаш ли што зборуваат овие?“ го прашале злобно тие. А Господ кратко им одговорил: *Да! Зар никогаш не сте читале: „Од устата на младенците и од оние што цицаат Ти си приготвил пофалба?“* Значи, јасно е како бел ден дека овие пророчки зборови на Давид се однесуваат на тоа чудо што се случило при влегувањето на Господ Христос во Ерусалим, т.е. на оваа чудна пофалба на

Господа од страна на малите деца. Јасно е од самиот случај, бидејќи како што било проречено така буквално и се случило. Јасно е и од тоа што самиот Господ при овој случај се повикува на тоа пророштво на царот Давид. Дека тоа е едно големо чудо вдахнато со Дух Божји и е произведено со силата и волјата Божја, во тоа нема сомнение. Додека кнезовите и книжниците, старците и свештениците не можеле да Го познаат Христа Господа, дотогаш малите деца Го познале и Го објавиле. Навистина ова е чудо, прво, единствено во целиот ***Сӣар*** и ***Нов завеӣ***, а второ, чудо, ако не е поголемо, тогаш не е ни помало од воскресението на мртвите. Всушност, и при ова и при она чудо дејствувала истата Божја сила, истиот Божји Дух и истата Божја промисла. Таа сила и величие на славата Божја пророкот сакал посебно да ја истакне со случајот со малите деца, ставајќи го паралелно со восхитувањето од ѕвездената вселена, која таа иста Божја сила ја создала.

Освен тоа, во малите деца треба да се вбројат и самите апостоли, и многуте светители, испосници, маченици за Христа и девојки, илјадници и илјадници од оние кои невино и простодушно Го признале Синот Божји за свој Спасител, Го прегрнале со срдечна љубов, и ги поднесле тешките страдања заради Него. Зошто токму од нивните усти Господ Си направил пофалба за Себе, а не од устите на некои големци, филозофи и говорници? Заради кроткоста ги зел оние, а заради гордоста ги отфрлил овие. Горделивите се најголеми Божји непријатели. Затоа Христос на чуден начин им го отворил јазикот на децата, на простите рибари и на селаните да ја јавуваат вистината наспроти своите непријатели, т.е. на горделивите и празни еврејски кнезови и книжници.

О Господи сесилен, Боже семоќен, отвори ни го и на нас јазикот, та и ние со силна вера и со детска радост да јавуваме за Твојата бесконечна слава. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

8 ОКТОМВРИ

1. Преп. Пелагија. Покајана грешница. Родена како безбожник во Антиохија и надарена од Бога со голема убавина Пелагија ја употребувала својата убавина на душевна

пропаст и за себе и за другите. Преку блудот многу се збогатила. Еднаш, врвејќи покрај црквата на св. мч–чка Јулијана, во која проповедал епископот Нон, таа влегла во црквата и ја слушнала проповедта за Страшниот Суд и за казната на грешниците. Тоа слово толку ја потресло и ја изменило што таа одеднаш се згрозила од себе, се исплашила од Бога, се покајала за сите свои нечисти гревови и паднала пред св. Нон со молба да ја крсти. „Смилувај се на мене, грешната, свети оче, крсти ме и научи ме на покајание: јас сум море на беззаконие, амбис на пропаста, мрежа и оружје ѓаволско". Така оваа покајничка со солзи го молела Христовиот архијереј. И тој ја крстил. На крштавањето ѝ била кума блажена Романа, ѓакониса на таа црква, која потоа, како нејзина духовна мајка добро ја утврдила во христијанската вера. Пелагија не била задоволна само со крштавањето. Чувствувајќи го притисокот на многубројните свои гревови и грижата на совеста, се решила на голем подвиг. Своето огромно богатство собрано со грев го оставила на сиромашните луѓе и тајно отишла во Ерусалим, каде што под машко име, како монах Пелагиј, се затворила во една келија на Елеонската Гора и овде го започнала тешкиот подвиг на пост, молитва и бдеење. По три години, ја посетил ѓаконот на св. Нон, Јаков и ја затекол уште жива, но кога по неколку дена повторно ја посетил, го нашол нејзиното тело мртво и чесно го погребал. Св. Пелагија се упокоила околу 461 година. Така оваа некогашна голема грешница со покајание и со труд Му се замилела на Бога, гревовите ѝ биле опростени и таа се посветила. И нејзината очистена и посветена душа се удостоила со царство Божјо.

2. Преп. Таиса. Покајана грешница. По раѓање Египќанка. Како и св. Пелагија, така и Таиса својата младост ја поминувала во развратен блуд. На лошиот пат од животот Таиса била упатена од својата бесрамна мајка. Но милостивиот Бог, кој на грешникот не му посакува пропаст, туку спасение, нашол начин со Својата чудна промисла да ја спаси грешната Таиса. Еден од учениците на св. Антониј Велики, Пафнутиј Сидонит, слушнал за Таиса, за нејзиниот грешен живот и за душевниот отров со кој таа ги труела душите на многу луѓе, па решил, со Божја помош да ја спаси. Св. Пафнутиј се преоблекол во световна облека, зел еден златник и отишол во градот, ја нашол Таиса и ѝ го дал златникот. Таиса, мислејќи дека тој човек ѝ го дал златникот за нечисто дело, го одвела Пафнутиј во својата соба. Тогаш Паф-

нутиј ја отворил својата благодатна уста и ги изобличил гревовите на Таиса и ја повикал на покајание. Душата и совеста на Таиса се пробудиле и Таиса се облеала со солзи на длабоко и срдечно покајание. Разделувајќи го сиот свој имот, таа се упатила во еден женски манастир според упатството на св. Пафнутиј и таму останала околу три години, затворена во една келија, живеејќи само со леб и со вода. Пред смртта, ја посетил св. Пафнутиј и ја извел од келијата и покрај тоа што таа не сакала. Наскоро се разболела и по кратко боледување ја предала својата очистена и осветена душа на Бога. Св. Павле Прерост, друг ученик на св. Антониј, во визија видел во рајот прекрасен манастир подготвен од Бога за покајничката св. Таиса. Оваа света душа се упокоила во 340 година. [18])

3. Св. мч-чка Пелагија. Девојка од познат род од Антиохија. Во времето на царот Нумеријан, антиохискиот началник испратил војници да ја доведат на суд Пелагија како, тогаш разгласена, христијанка. Војниците ја опколиле куќата и ја повикале светата девојка на вратата. Таа се појавила и кога слушнала дека дошле да ја водат пред судијата, се преправала дека е весела, па им рекла на војниците да ја причекаат малку додека да се качи за да се преслече. Таа се искачила на покривот од куќата, ги подигнала рацете кон небото и долго се молела на Бога да ѝ ја прими душата и да не дозволува да се извалка нејзината девствена чистота. И Бог ѝ ја примил душата, а телото паднало мртво пред војниците. „Нејзината смрт, пишува св. Златоуст, била средство не на природен пад, туку на заповед Божја“, па продолжува: „И така, ова невино и почисто тело од секакво злато лежело на земјата: ангели го опкружувале, архангели го почитувале, самиот Христос бил покрај него“.

---

[18]) Во словенскиот *Пролоḡ* е запишан овој случај за непокаениот грешник: некој ѓакон Рафаел се разболел до смрт. Тоа му го јавиле на св. Епифаниј, кој го сакал Рафаела и старецот веднаш дошол. Кога го познал својот духовен отец, Рафаел почнал многу да плаче и да се жали. Се расплакал и св. Епифаниј, па го прашал ѓаконот зошто толку многу тагува? Ѓаконот одговорил: „Тешко на мене, сите мои дела ги разграбаа ѓаволите. А ангелите Божји се оддалечија од мене!“ Потоа почнал да вреска како коза, па да лае како куче. Тогаш ја испуштил својата душа. Св. Епифаниј рекол дека е тоа од некој тежок грев, неисповедан и непокајан.

РАСУДУВАЊЕ

О кога барем би вложиле онолку труд околу душата колку што вложуваме околу телото! О кога би добиле волја да се украсуваме со добродетели пред Бога и пресветлите Божји ангели колку што се украсуваме со суетното и минливо надворешно шаренило! Пелагија и Таиса во почетокот знаеле само за телото, додека нивните души биле како врзани робови во темницата на телото. И двете биле украсени само со суета, биле облечени во суета, биле накитени со суета, биле опкружени со суета, биле поласкани со суета. Но каква брза промена! Каков божествен пресврт во нивниот живот! Почуден од дива јаболкница кога ќе се калеми и ќе започне да донесува слатки плодови; или кога матната и смрдлива бара на некој начин ќе се избистри и ќе постане чиста и пивка вода. Кога епископот Нон со останатите епископи првпат ја видел грешницата Пелагија, во нејзиниот надворешен сјај, облечена во најскапа облека, исчешлана, украсена, накитена со прстени, со ѓердани и со украси, намирисана, опкружена со робови, заплакал и им рекол на своите другари: „Навистина јас многу научив од оваа жена. Неа Господ ќе ја постави на Страшниот Свој Суд и со неа нас ќе нè укори. Бидејќи, што мислите, колку часови оваа жена поминала во својата соба миејќи се, облекувајќи се, украсувајќи се, огледувајќи се во огледалото, и тоа зошто? Само заради тоа да се покаже пред луѓето што поубава. А ние, кои Го имаме бесмртниот Младоженец на небото, не се трудиме да ги украсиме наште души, не брзаме да ги измиеме со солзи на покајание и да ги облечеме во убавина на добродетели, та и ние што поубави да се покажеме пред очите Божји!"

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за неправдата на царот Ахав и за казната Божја преку пророкот Илија (III Цар. 16:17), и тоа:

1. како Ахав се предал на идолопоклонство и правел сè што е лошо пред Господа;

2. како пророкот Илија со молитва го запечатил небото и не заврнало дожд цели три години.

БЕСЕДА
за тоа како непријателот
на крајот ќе остане без оружје

Непријателот остана сосема без оружје; градовите му ги разурна, и пропадна спомено за нив
(Пс. 9:6)

Непријателот на човечкиот род, човечкиот крвник и човекоубиец од самиот почеток ги употребил сите оружја и сите примки против човекот. Негово е и дење и ноќе да измислува нови оружја и нови примки, само некого да го уништи, *обиколува како лав што рика и бара некого да го проголта* (I Петр. 5:8), како отровна змија се крие и го чека својот плен, како пајак насекаде ги расплетува своите мрежи, само да би уловил некоја човечка душа и да ја фрли во своето гнило царство. Безбожните народи се како негови градови. До Христовото доаѓање тој во нив господарел мирно и потполно. Идолослужењето било служење на него; гатањето и врачањето било служење на него; распашаноста во животот помеѓу луѓето тој ја штител и ја унапредувал; принесувањето на луѓе за жртви, огнот на страста, расправиите, војните, злосторствата, сето тоа за него било уживање. Но на крајот останал сосема без оружје, неговите градови се разурнале, споменот за нив загинал. Тој *крај* што го споменува пророкот е доаѓањето на Христа Господа во светот. Господ ја покажал својата сила над ѓаволот, победувајќи ги неговите искушенија на горота; ја покажал Својата власт, изгонувајќи ги ѓаволите од луѓето и заповедувајќи им да одат ваму или онаму; го покажал Своето непобедливо господарство над гревот и смртта. И, можеби што е најважно, го урнал пеколот и ја распрснал демонската сила. Он не сакал да ги уништи демоните, туку ги распрснал и оружјето им го уништил, ги разбил и ги распрснал како Евреите и уште пострашно од Евреите. Народите ги ослободил од нивната власт: и што е главно, им дал на луѓето власт над демоните за да можат со Неговото име да ги изгонуваат од себе. Гледате ли како Господ ги споил Својата победа над демоните со Својата милост кон луѓето? Он толку ги ослабил и пребил демоните, ги збунил и ги распрснал, што ги предал под власт на луѓето. И така, некогашните робови постанале

господари, а некогашните господари постанале робови. Но Господ не им дал власт над демоните на сите луѓе, туку само на оние кои веруваат во Него и кои ги исполнуваат Неговите заповеди. Им дал власт и им дал и оружје. Оружјето е крстот.

О Господи Боже наш, Спасителу наш од власта на ѓаволот, помогни ни и ние да го извршиме она најмалку што си ни оставил да го направиме. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

9 ОКТОМВРИ

1. Св. апостол Јаков. Син Алфеев и еден од дванаесетте големи апостоли. Роден брат на апостолот и евангелист Матеј. Сведок на вистинските зборови и чуда на Господа и Спасителот наш Исус Христос, сведок на Неговото страдање, воскресение и вознесение. По слегувањето на Светиот Дух на Педесетница, на апостолот Јаков му се паднало да го проповеда Христовото Евангелие во Елевтеропол и во околните места, потоа во Египет, каде што и пострадал за својот Спасител. Со голема сила, и на збор и на дело, ја ширел св. Јаков спасоносната блага вест за овоплотениот Бог Словото, и го рушел идолопоклонството, изгонувајќи ги демоните од луѓето, лекувајќи секаква мака и болест со името на Господа Исуса Христа. Неговиот труд и неговата ревност се крунисани со голем успех. Многу незнабожци поверувале во Христа Господа, основале цркви и ги уредиле, поставиле свештеници и епископи. Пострадал во Египет, во градот Острацин откако бил распнат на крст од незнабожците. И така се преселил во небесното царство овој голем и чуден апостол Христов, та бесмртно да царува со Царот на славата.

2. Преп. Андроник и неговата сопруга Атанасија. Антиохиски граѓани од времето на Теодосиј Велики. Андроник по занает бил златар. И тој и неговата жена биле многу благочестиви, трудејќи се непрестајно да одат по Господовиот пат. Од својата заработка една третина давале на сиромашните, друга третина на црквата, а со третата тие се издржувале. Бидејќи им се родиле две деца, ти се договориле во иднина да живеат како брат и сестра. Но според Божјата недостижна промисла и двете деца им умреле во еден

ден. И биле во голема тага сѐ додека св. мч. Јулијан не ѝ се јавил во гробиштата на Атанасија и не ја утешил со веста дека нивните деца се во царството Божјо и дека им е подобро отколку кај родителите на земјата. Потоа и двајцата оставиле сѐ и отишле во Египет и примиле монашки чин: св. Андроник кај старецот Данил во скитот, а Атанасија во женскиот манастир во Тавенисиот. Угодувајќи Му на Бога со своите долгогодишни подвизи, се преселиле во вечното царство Христово, и тоа, прво Атанасија, а по 8 дена и св. Андроник.

3. Св. праведни Аврам и Лот. Читај за нив во книгата *Битие*.

4. Св. Димитриј патријарх Александриски. Единаесетти александриски епископ по евангелистот св. Марко. Управувал мудро и долго со својата паства и тоа од 189 до 231 година. Во негово време, на барање на Индијците, во Индија бил испратен на проповед на ***Евангелието*** св. Пантен, управник на познатото катихетичко училиште во Александрија. Пантен пронашол во Индија ***Евангелие*** напишано од св. Матеј на еврејски јазик.

5. Св. Стеван деспот српски. Син на деспотот Ѓорѓе и Ерина. Со својата сестра Мара некое време живеел на дворот од султанот Мурат II. Бил ослепен во Едрене заедно со својот брат Гргур. Примил деспотска власт над Србија во 1458 година. Наскоро морал да се оддалечи од својата земја во Албанија, каде што се оженил со Ангелина, ќерката на Скендербег. Слеп и несреќен, но секогаш предан на Бога, тој се упокоил во 1468 година во Италија. Моштите му почиваат во манастирот Крушедол, задужбина на неговиот син св. Максим.

РАСУДУВАЊЕ

Како Бог казнува и милува, јасно се гледа од животите на последните деспоти во времето на турското ропство над земјите на Балканот. Турците не дошле на Балканот доброволно за да ги поробат христијанските народи, Грците, Бугарите, Србите и др., туку со Божја согласност, исто како Навуходоносор, што не според своја сила, туку со Божја согласност го покорил Ерусалим и ги одвел Евреите во ропство. Заради гревовите на кнезовите и на народните великани многу пострадал српскиот народ, но уште полуто постра-

дале самите кнезови и великани. Деспотот Ѓураѓ умрел како прогонет, неговите синови: Гргур и Стеван биле ослепени од Турците, неговата ќерка сосила морала да постане жена на султанот, средниот негов син станал против својата мајка Ерина и братот Гргур и сосила го зазел разнишаниот престол во Смедерево, но набрзо умрел. Слепиот Стеван, штотуку постанал деспот, морал да бега во Албанија, а потоа и во Италија, каде што како прогонет и бедник умрел во туѓина. Сето тоа е Божја казна. А каде е милоста? Бог го прославил со вечна слава и овој Стеван и неговата жена Ангелина и нивните деца Максим и Јован. По осум години лежење во гробот, телото на Стеван било откопано и било пронајдено цело, исполнето со благопријатен мирис. Многу чуда се пројавиле од тие негови свети мошти. Исто така, со благодат Божја се прославиле и неговата жена и синовите.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното симнување на огнот од небото од пророкот Илија (III Цар. 18), и тоа:

1. како св. Илија се помолил на Бога на Кармилската гора, во присуство на царот Ахав и идолските жреци;

2. како паднал оган од небото и ја запалил жртвата што Илија Му ја принесол на Бога.

БЕСЕДА
за тоа како само безумните се одрекуваат од Бога

Рече безумниот во срцето свое: „Нема Бог“. Се развратија луѓето, извршија гнасни дела, нема кој да прави добро (Пс. 13:1).

Умот е водач на целото човечко битие. Тој советува, тој наговара, тој раководи. И душата и телото се управуваат според умот. Ако е умот невин пред Бога, и човекот е невин. Ако е умот виновен пред Бога, и човекот е виновен. Ако некој само помисли: „Нема Бог“, тоа веднаш се појавува во неговите дела. Првин никнува лоша мисла и нејзе веднаш ѝ следуваат лоши дела. Гледате ли како надарениот

пророк добро ја познава човечката природа? Тој првин ја истакнува причината, па потоа ги изведува последиците. Од лоши помисли неминовно произлегуваат лоши дела. Затоа, браќа, не верувајте му на оној кој говори: *Јас не верувам во Бога, но правам добро*. Пред сè, оној кој не верува во Бога не знае што е добро, ниту може да разликува добро од зло. Со неверувањето човекот се отсекува од главното Добро и од Изворот на секое добро. Понатаму, ако разгледувате внимателно, ќе видите дека делата на сите безбожници се гнили и одвратни: гнили бидејќи се лоши, ништожни и привремени; одвратни бидејќи се спротивни на волјата на живиот Бог. Безбожникот не може ни да го разликува доброто од злото, бидејќи само во светлината на законот Божји може точно да се одреди што е добро, а што е лошо. Но можно е и оној кој со устата ќе каже дека верува во Бога да прави гнили и одвратни дела, т.е. со устата да Го признава Бога, а со делата да Го одрекува. Добро е да се исповеда Бог со устата, но тоа ни оддалеку не е доволно: потребно е уште и од срце да Го признаваме и со дела својата вера да ја потврдуваме. А уште е можно, човекот со срцето да верува и со устата да исповеда, па сепак да греши. Тоа се случува заради слабоста на волјата или пак од ѓаволските стрели. Таквиот нека се покае и тоа веднаш и ќе му биде опростено. Всушност покајанието е спасоносно и за безбожникот, а уште повеќе за верникот. Додека е човекот на земјата, дотогаш има можност за покајание. Но кој може да биде сигурен дека неговото време уште оваа ноќ нема да истече? Оттука одложувањето на покајанието е потполно безумие.

О преблаг Господи Исусе Христе, Сине Божји, помогни ни да се покаеме како што ни помагаш да дишеме. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

10 ОКТОМВРИ

1. Св. мч-ци Евлампиј и Евлампија. Брат и сестра од Никомидија. Во времето на едно страшно гонење на христијаните од царот Максимијан, некои верници од Никомидија побегнале од градот и се скриле. Младиот Евлампиј бил испратен во градот да донесе леб. Влегувајќи во градот, момчето ја видело царската наредба за гонење и убивање на христијаните залепена на ѕидот, се насмеало на таа наредба,

ја симнало и ја искинало. Заради тоа веднаш било фатено и изведено пред судијата. Кога судијата започнал да го советува да се одрече од Христа, и Евлампиј почнал да го советува судијата тој да се одрече од лажните идоли и да го признае Христа како единствен жив Бог. Тогаш судијата наредил, та го тепале долго време додека крв не го облеала, мачејќи го и со други лути маки. Кога слушнала за мачењето на својот брат, девицата Евлампија дотрчала и таа заедно со братот да ги прими маките за Христа. И таа била тепана додека крвта не ѝ удрила во носот и на устата. Потоа биле фрлени во врела смола, па во разгорена печка, но тие со силата на крстниот знак и со името Христово го направиле огнот безопасен. Најпосле на св. Евлампиј му ја отсекле главата, а св. Евлампија починала пред исекувањето. Уште 200 христијани кои поверувале во Христа кога ги виделе силата и чудата на св. Евлампиј и на неговата сестра биле погубени. Сите се овенчале со маченички венци и преминале во својата небесна татковина.

2. Св. маченици Зографски. Кога царот Михаил Палеолог ја склучил злогласната Лионска унија со папата за да добие од помош против Србите и Бугарите, тогаш светогорските монаси му испратиле на царот протест против таа унија и го советувале да ја отфрли и да се врати во православието. Папата испратил војска да му помогне на Михаил. И таа латинска војска навлегла во Св. Гора и извршила такви варварства какви што Турците никогаш не направиле за 500 години. Ги обесиле управителите и убиле многу монаси во „Ватопед", во „Ивер" и по другите манастири, а го нападнале и „Зограф". Блажениот игумен Тома претходно им кажал на братството дека кој сака да се спаси од латините, да избега од манастирот, а кој сака маченичка смрт, да остане. И така, останале 26 луѓе и тоа: 22 монаси со својот игумен и 4 мирјани, кои биле како манастирски работници. Сите овие се затвориле во манастирската кула. Кога дошле латините, ја запалиле кулата, та во огнот нашле маченичка смрт сите 26 Христови јунаци. Додека горела кулата, тие пееле псалми и *Акатистот* на Пресвета Богородица и ги предале своите свети души на Бога на 10 октомври 1283 година. Истата година во декември бедно завршил и нечестивиот цар Михаил, против кого, во заштита на православието, се дигнал српскиот цар Милутин.

3. Преп. Теофил исповедник. По потекло македонски Словен, некаде од Струмица. Млад се замонашил и осно-

вал свој манастир. Многу пострадал за иконите во времето на царот Лав Исавријанец и тогаш ќе загинел да не успеал да го убеди кнезот Ипатик, својот судија, во основаноста и потребата од иконопочитување. Кнезот го пуштил на слобода и тој се вратил во својот манастир, каде што мирно го завршил својот живот во 716 година и се преселил во радоста на својот Господ.

4. Св. мч. Теотекн. Римски офицер во Антиохија за време на Максимијан. Кога царот го понудил да принесе жртва на идолите, тој одговорил: „Јас верувам во Христа Бога и Нему ќе се принесам на жртва себеси – жива жртва". Со камен околу вратот бил фрлен во морето и по големите измачувања чесно пострадал за Христа и се овенчал со маченички венец.

5. Преп. Васијан. Во времето на благоверниот цар Маркијан овој светител дошол од Анадолија во Цариград во 450 година. Неговиот подвиг бил голем со голема и чудотворна сила што Бог му ја дарувал. Имал околу 300 ученици, помеѓу нив и св. Матрона. Царот Маркијан во негово име ѕоѕидал храм, кој постои и денес.

РАСУДУВАЊЕ

Според Божјата промисла, најмногу чуда и небесни јавувања се случувале за време на мачењето на слугите Божји. Во оној ден кога латините тргнале на манастирот „Зограф", некој старец монах имал послушание во лозјето, половина час оддалечено од манастирот и во одредено време го читал акатистот пред иконата на Божјата Мајка. Но кога почнал да ги изговара зборовите „радувај се!", одеднаш од иконата слушнал глас: „Радувај се и ти старецу и бегај оттука што побргу за да не те снајде несреќа, или извести ги браќата во манастирот да се затворат, бидејќи богопротивните латини ја нападнаа оваа Гора која јас ја избрав и веќе се наоѓаат во близина". Исплашениот старец паднал ничкум на земја и во страв извикнал: „Како јас тебе Царице, моја застапничке, ќе те оставам овде?" Тогаш, повторно слушнал глас: „Не грижи се за мене, но појди побрзо!" Старецот веднаш отишол во манастирот. Но кога стасал пред портите на манастирот, ја видел пред вратата онаа иста своја икона на Божјата Мајка. Иконата на чуден начин стасала во манастирот пред него. Зачудениот старец им раскажал на игуменот

и на браќата сè што видел и слушнал и сите кога слушнале Го прославиле Бога и Божјата Мајка.

Еднаш, за време на празнувањето на 26. маченици во „Зограф“, на 10 октомври 1873 година, имало големо сеноќно бдение. Ноќта била без месечина. На полноќ, додека монасите пееле и го читале житието на светите маченици во храмот, одеднаш се слушнал некаков шум во храмот, а над храмот се појавил огнен столб од земјата до небото, толку светол што надвор се гледало сè надалеку како напладне. Таа чудна појава траела околу четвртина час и потоа исчезнала.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното јавување на Бога на пророкот Илија (III Цар. 19), и тоа:

1. како Илија изморен од човечките неправди се помолил на Бога да умре;
2. како Бог го утешил со Своето јавување на Хорив;
3. како се појавил силен ветар, па земјотрес, па оган и најпосле тивок глас – глас од Бога.

БЕСЕДА

за маките на Давида и за пророштвото за маките Христови

Кучиња многу ме опколија, цела чета од злочинци се врти околу мене; ми ги пробија рацете и нозете (Пс. 21:16).

Ова е таинствено доживување на покајникот Давид, а во исто време е јасно пророштво за Христовите страдања. *Па и сите кои сакаат да живеат побожно во Христа Исуса, ќе бидат гонети* (II Тим. 3:12), вели апостол Павле. Кога царот Давид грешел, ѓаволите не му се јавувале ниту го вознемирувале. Но кога почнал да се кае и својот живот да го управува на Божјиот пат, тогаш го опколиле лошите ѓаволи и почнале да го држат и да го мачат. Овде не станува збор за луѓе, туку за демони, кои или сами му се јавуваат на покајникот, или го мачат преку други луѓе. Давид не би ги

нарекол Божјите луѓе, круната на Божјото создание, кучиња, туку кучиња ги нарекол демоните кои им се јавуваат на праведните луѓе како кучиња, како змии, како црнци, како лавови или во кој било друг облик. А дека тој овде под кучиња подразбира зли духови можеме да се увериме од животот на големите подвижници, на кои демоните, заради заплашување, им се јавувале во вид на кучиња. И упте, во тоа можеме да се увериме од зборовите на Господа Спасителот, кои ги изрекол од крстот: *Оче ӣросӣи им, бидејќи не знааӣ шӣо ӣраваӣ*! (Лк. 23:34). Тоа значи дека не ја извршуваат својата волја, туку некоја туѓа волја, имено: демонската. *Кучиња многӯ ӣо оӣколиле, цела чеӣа од злочинци* се собрале да Го уништат Христа Господа. Кога не можел ѓаволот – искушувач да Го победи Господа на Гората на искушенијата со своите лажни ветувања, тогаш со сета своја сила нападнал за да го уништи преку луѓето со нечесна смрт на крстот. Погледнете, браќа, колку е јасно тоа пророштво! *Ми ӣи ӣробија рацеӣе и нозеӣе*. На никого во историјата на светот овие зборови не можеле да се однесуваат, освен на распнатиот Спасител. Но тоа пророштво оди во сите поединости: *Ги разделија моиӣе алишӣа ӣомеѓу себе, а за мојаӣа намеӣка фрлија жреӣка*. Сè се случило како што е проречено, сè. Но ѓаволот се измамил во пресметката. Тој мислел со смрт да го уништи посилниот од смртта. Тој мислел да Го обесчести Оној кој единствено дава чест на секое создание. Господ Христос со Своето славно воскресение го победил и го посрамил ѓаволот и целата негова чета од негови кучиња и нам, на луѓето, ни дал сила и власт над нив. Целиот незнабожечки свет не можел да изгони ниту еден демон, а ние сме во состојба со Христовото име и со Неговиот крст да изгониме како чад легиони демони, бидејќи демоните по Христа постанале како претепани и плашливи кучиња. О Господи Победителу и Спасителу – на Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

11 ОКТОМВРИ

1. Св. апостол Филип. Роден е во Кесарија Палестинска. Бил оженет и во бракот имал 4 ќерки, сите надарени од Бога со дар на пророкување и сите четири биле заветени девици заради Христа. Кога светите апостоли избирале ѓа-

кони, тогаш бил избран и Филип, покрај Стефана и другите. И Филип им служел со голема почит на сиромашните и на вдовиците. Кога во Ерусалим настанало гонење на христијаните, апостолот Филип се засолнал во Самарија. Таму го проповедал ***Еванѓелието*** и го посведочувал со многу чуда, изгонувајќи демони, лекувајќи болни и друго. Кога ги видел овие чуда на светиот апостол, се крстил и познатиот Симон Мудрецот. Св. Филип го крстил и евнухот на царицата Кандакија. Потоа ангел Божји наеднаш и невидливо го пренесол во Азот каде што поучувал и проповедал, а и многу кон Христа обратил. Бил поставен за епископ во Тралија. Завршил мирно во длабока старост и се преселил во радоста на својот Господ.

2. Спомен на Седмиот вселенски собор. Овој собор е одржан во 787 година во Никеја за време на царувањето на благочестивата Ирина и нејзиниот син Константин и за време на патријархот Тарасиј. Овој собор конечно го утврдил иконопочитувањето, образложувајќи го тоа со ***Светото писмо***, со сведоштвото на светите отци и со веродостојните примери на чудата пројавени од светите икони. Помеѓу другите наведени примери на чуда, кипарскиот епископ Константин го навел и овој пример: некој овчар од градот Констанца, истерувајќи го еден ден стадото на паша, ја видел иконата на Пресвета Богородица целата украсена со цвеќе од правоверните. „На што да се оддава толкава чест на карпа", рекол овчарот (секако воспитан во иконоборството), па со својот железен стап удрил по иконата и го расипал десното око на ликот на Богомајката. Но штом сакал да замине од таму, се сопнал и тој ист стап го набил во своето десно око. Кога се вратил слеп во градот, тој плачејќи викал и говорел дека го постигнала казна од Богомајката.

Седмиот вселенски собор уште решил во антиминсот неизоставно да се ставаат свети мошти на маченици. На соборот учествувале 367 отци. Заради нивните молитви и нас Господ да нè помилува и да нè спаси.

3. Преп. Теофан Нацртан. Исповедник и писател на канони. Роден во Арабија од богати и побожни родители. Со својот брат Теодор (27 дек.) се замонашил во манастирот „Св. Сава Освештен". Како многу образувани монаси, ерусалимскиот патријарх Тома ги испратил кај царот Лав Ерменин да му образложат и да го одбранат иконопочитувањето. Лошиот цар грдо ги измачил овие свети браќа и ги фрлил во темница. Подоцна царот–иконоборец Теофил продолжил да

ги измачува; и да би ги изложил на потсмев на светот, наредил на нивните лица да се нацртаат некои погрдни зборови. По завршувањето на иконоборството, св. Теофан бил пуштен на слобода и наскоро бил хиротонисан за епископ. Мирно завршил во 847 година. За иконите страдал 25 години. Напишал 145 канони. Се преселил во вечната радост на својот Господ.

4. Св. Нектариј патријарх Цариградски. Како световник и висок царски службеник едногласно бил избран за патријарх по св. Григориј Богослов, во 381 година. Се одликувал со длабок разум, со тактика и со ревност за црквата. Мирно се упокоил во 397 година.

5. Св. мч-ци Зинаида и Филонида. Сестри по род од Тарс. Ги нарекувале роднини на св. апостол Павле. Како девојки се одрекле од светот заради Христа и повлечени во некоја пештера, се подвизувале. Знаеле лекарска вештина, та им помагале на многу болни. Посебно Филонида заради големиот пост се удостоила со дар на чудотворство. Некои неверници ги нападнале ноќе и ги убиле со камења.

РАСУДУВАЊЕ

Како што со Божјата промисла се дава исцелителна и чудотворна сила на осветената водица или на осветениот елеј, исто така, таква сила се дава и на иконите. Еден чуден пример на чудотворна сила на светите икони споменува св. Атанасиј Велики. Во градот Вирит живеел некој христијанин под кирија во некоја куќа. Кога се преселил од таа куќа, тој во неа заборавил една икона на Спасителот. По него во куќата се вселил некој Евреин. Во тој град имало многу Евреи и тоа посебно озлобени против христијанската вера. По наоѓањето на иконата, Евреите ја однесле во својата зборница и почнале да ѝ се потсмеваат како некогаш нивните претци што се потсмевале на живиот Спасител. И Евреите го направиле со иконата истото тоа што предците нивни го направиле со Спасителот, имено: ги проболе рацете и нозете со клинци, устата на иконата ја натопиле со оцет и на сите начини го понижиле ликот на Спасителот. Најпосле некој од нив зел копје и го удрил божествениот лик под ребрата. Но, еве чудо, од прободеното место потекло крв со вода, како некогаш од живото тело на распнатиот Господ. Стравот и ужасот на Евреите не можел да се опише. Тогаш подметна-

ле сад за во него да се слева крвта и одвеле многу болни, слепи, глуви, хроми, бесни, кои, штом ги намачкале со таа крв сите се излекувале. На тоа чудо се собрал целиот град и сите Го прославиле Христа Бога. А Евреите од тој град сите поверувале во Господа Христа, живиот и животодавниот.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за многубројните неправди на израилскиот народ и многубројните Божји казни, и тоа:

1. како народните кнезови често се одвраќале од Бога и правеле лошо пред Бога;
2. како Бог го казнувал народот за да го поправи.
3. како најпосле, за време на лошиот цар Јоаким, израилскиот народ бил одведен во вавилонско ропство.

БЕСЕДА
за гласот Господов над водите

Гласот Господов е над водите (Пс. 28:3).

На реката Јордан се чул гласот Господов кога св. Јован Го крстил Спасителот. На Галилејското Море, кога имало бура и ветрови, се слушнал гласот Христов и бурата се стишила и ветровите престанале. Гласот Господов се слушнал на свадбата во Кана Галилејска и водата се претворила во вино. На Црвеното Море се појавил глас Господов и морето се разделило и се отворил патот на народот Божји. Во пустината се појавил гласот Господов и вода потекла од сувата карпа. Што значи тоа: *Гласот Господов е над водите?* Тоа значи дека водената стихија е дело Божјо и преку неа Бог прави чуда кога сака и како сака. И останатите стихии не се помалку дело Божјо – огнот, воздухот и земјата. И над нив Бог е господар, и преку нив Бог прави чуда, кога сака и како сака. Во огнен вид се јавил Бог Светиот Дух на Педесетница. Во вавилонската печка пламенот ја изгубил својата сила според зборовите Господови и не им наштетил на блажените дечиња. Оган од небото паднал и ја запалил жртвата Гедеонова (Суд. 6). Илија испросил оган од небото. Капината горела и не согорела (II Мој. 3). Оган паднал од небото и

ја запалил жртвата на Бога (III Цар. 18). Огнен столб одел пред Израилците. Сето тоа според зборовите Господови. Земјата се отворила и ги проголтала неправедните Кореј, Датан и Авирон (IV Мој. 16). Земјата се отворила и ја скрила Елисавета со младенецот Јован од мечот на Ирода. Земјата се затресла кога издивнал Господ на Крстот и гробовите се отвориле. На воздух Господ се вознел на небото. На воздух светите апостоли биле пренесени во Ерусалим од разните страни на светот. На воздух ангелот го пренесол пророкот Авакум за момент во Вавилон. И сето тоа според гласот Господов, според Господова наредба. О кога би биле луѓето толку послушни на Господовиот глас како што му се послушни неразумните природни стихии! Но под води навистина се подразбираат луѓето, кои се послушни на Господовиот глас: апостолите и светителите. Како вода тие се разливале по целиот свет со проповедта за Христа Бога. Како вода го напоиле жедниот свет од изворот на вечниот живот. И светот се обновил и процутел. Како и на обичните води, така и кај нив се појавиле безбројни чуда Божји, бидејќи биле покорни на волјата Божја, послушни на гласот Божји, како водата, исто како водата.

О Господи Исусе Христе, помогни ни да бидеме послушни на Твојот глас. Помогни ни да се засрамиме од мртвите стихии што подобро Те слушаат отколку ние. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

12 ОКТОМВРИ

1. Св. мч-ци Тарах, Пров и Андроник. Тарах бил роден од Клавдиопол во Сирија; Пров од Сида Памфилиска, а Андроник бил син на познат ефески граѓанин. Сите тројца заедно биле мачени од началникот Нумериј Максим за време на царот Диоклецијан. Тарах имал 65 години за време на мачењето. Кога началникот трипати го прашал за името, тој трипати одговорил: *христијанин*. Прво ги тепале со стапови, па крвави и ранети ги фрлиле во темница. Потоа повторно ги извеле на мачење. Кога началникот го советувал Пров да се одрече од Христа, ветувајќи му почести од царот и свое пријателство, свети Пров одговорил: „Ниту сакам царски почести, ниту пак твоето пријателство го сакам“. Кога поминале кај св. Андроник со потешки телесни маки, мла-

диот Христов маченик одговорил: „Телото мое е пред тебе, прави со него што сакаш". По долготрајни мачења по разни места, сите тројца маченици биле фрлени во арена пред ѕверови. Пред нив имало некои други осуденици во истата арена растргнати од ѕверовите. Но ѕверовите не сакале да им наштетат на светителите, туку и мечката и лутата лавица се умилкувале околу нив. Кога го виделе тоа, многумина поверувале во Христа Бога и му викале на началникот. Бесен од лутина и полут од ѕверовите, тој им наредил на војниците, та влегле и со мечеви ги исекле Христовите војници на парчиња. Телата им останале измешани со мртвите тела на останатите осуденици. Тројца христијани: Макариј, Феликс и Вериј, кои присуствувале на убиството на светите маченици, дошле таа ноќ да ги земат нивните тела. Но бидејќи телата биле измешани, а ноќта била многу темна, тие, двоумејќи се како да ги препознаат телата на мачениците, Му се помолиле на Бога и одеднаш се појавиле три свеќи над светителските тела. И така, тие ги зеле и чесно ги погребале.

2. Св. Мартин еп. Турски. Роден во Панонија, во еден град на Штаерска, во 316 година од родители незнабожци. Татко му бил римски офицер и така и младиот Мартин, иако не сакал, бил даден на војничка служба. Меѓутоа, тој веќе бил „огласен" во христијанската црква, која со сето срце ја сакал од раното детство. Една зима патувајќи со другарите кон градот Амиен тој пред капијата на градот видел еден просјак, без малку гол, каде што се тресе од студ. Мартин се сожалил, изостанал зад другарите, ја симнал од себе својата војничка наметка и со сабјата ја пресекол на два дела: едната половина ја дал на просјакот а со другата тој се наметнал и продолжил. Таа ноќ на сон му се јавил Господ Христос, наметнат во онаа половина од неговата наметка и им рекол на Своите ангели: „Мартин е штотуку огласен, а еве ме облече со својата облека!" Излегувајќи од војската, Мартин веднаш се крстил и ја крстил и својата мајка. Потоа се замонашил во епархијата на св. Иларијј Поатиски и минувал живот полн со вистински подвиг. Бил премногу смирен, и заради смирението Бог му дал дар на чудотворство така што и мртви воскреснувал и лоши духови изгонувал. И против неговата волја, бил поставен за епископ во градот Тур. По тешката работа во лозјето Господово, по мачната борба и со незнабожците и со еретиците аријанци, св. Мартин ја предал својата света душа во рацете на својот Господ во 397 година.

3. Преп. Козма Мајумски. Бил роден во Ерусалим. Другар на св. Јован Дамаскин, чии родители го зеле уште како сираче и го воспитале. Како монах му помагал на св. Дамаскин да го состави ***Октоихот***. И самиот испеал многу канони на светителите. Со посебна убавина и длабочина се одликуваат канонитe на Лазарева Сабота, на Цветници и на Страсната Недела. Бил епископ во градот Мајум близу до Газа Палестинска. Го надживеал св. Јован Дамаскин и завршил во длабока старост.

РАСУДУВАЊЕ

Со што светителите најмногу се возвишиле и се прославиле во очите на небото и на луѓето? Главно со смирението и со службата. Св. Мартин уште пред крштавањето, како офицер, имал еден слуга кого тој повеќе го сметал за брат отколку за слуга. Честопати тој му служел на својот слуга не срамејќи се од тоа, туку напротив радувајќи се. Кога св. Илариј сакал да го произведе за свештеник, тој со солзи ја одбил таа почест и го замолил епископот само да му дозволи да биде монах во некое зафрлено место. Еднаш св. Мартин патувал од Франција за Панонија за да ги посети своите родители. Кога ги преминувал Алпите, го фатиле разбојници и сакале да го убијат. Кога еден разбојник замавнал да го исече, Мартин не се исплашил, не се тргнал и не замолил за милост, туку бил потполно смирен како ништо да не се случувало. Разбојникот се зачудил на таквото однесување, го спуштил мечот и го прашал Мартина кој е тој. Мартин рекол дека тој е христијанин и дека затоа не се исплашил, затоа што знае дека Бог според големата милост секогаш е близу до луѓето, а посебно во часовите на опасност. Сите разбојници се зачудиле на оваа ретка добродетел на овој Божји човек и оној кој што замавнал со мечот на Мартина поверувал во Христа, се крстил и подоцна се замонашил. Кога тронот на епископот во Тур се испразнил, сите сакале да го земат св. Мартин за епископ, но тој не сакал за тоа ни да чуе. Некои граѓани на Тур со измама го извеле од манастирот и го одвеле. Имено, тие дошле пред капијата на Мартиновиот манастир и му јавиле на игуменот дека некој болен човек чека пред капијата и моли да излезе и да го благослови. Кога излегол св. Мартин тие го фатиле и го одвеле во Тур и го направиле епископ. Предвидувајќи ја својата

скорешна смрт во староста, тој тоа го објавил на браќата свои и тие многу се растажиле, молејќи го да не ги остава. Светителот за да ги утеши, се помолил на Бога пред нив и рекол: „Господи, јас уште сум им потребен на луѓето Твои, јас не се откажувам од трудот. Нека биде Твојата света волја!“

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудните дела на св. апостол Петар и на Јован (Д.а. 3), и тоа:

1. како еден просјак, крив од раѓање, побарал милостина од светите апостоли;

2. како Петар рекол дека тие немаат сребро и злато;

3. како апостолот го зел за рака и рекол: „Во името на Исуса Христа стани и оди“ и како болниот оздравел.

БЕСЕДА

вечерниот плач и утринската радост

Навечер настанува плач, а
изутрина голема радост (Пс. 29:5).

Бог укорува и Бог развеселува. Една покајна помисла веќе го ублажува Божјиот гнев, бидејќи Бог не се гневи на луѓето како што се гневи непријателот, туку како татко на своите деца. Неговиот гнев е привремен. Неговата милост е бесконечна. Ако навечер укори, изутрина веќе радува, та луѓето да го познаат и во укорувањето и во милувањето. О браќа мои, кога луѓето постојано ќе го познаваат и признаваат Бога како добротвор, тогаш не би Го знаеле како укорувач и судија. Гледајте, и Бог повеќе ќе се радува, ако ние Го познаеме според милоста, отколку според гневот. Но има многу неблагодарни луѓе, кои не мислат, кои не се сеќаваат никогаш на Бога кога Бог дава и кога милува, туку само тогаш ќе се сетат кога Он ќе започне да ги тепа и да ги укорува, било со болест или со смрт во семејството, или со неуспех и срам помеѓу луѓето, или со оган, или со меч, или со земјотрес, или со поплава или со други многубројни пратови и камшици со кои тој ги шиба непробудените, ги опоменува неблагодарните, ги приведува кон разум затупените, ги

потсетува сите и секого дека Он е Творец и Господар, Дародавец и Судија.

Навечер настанува плач, а изутрина голема радост. Овие зборови уште значат дека ноќта е за плач, за молитва и за покајание, како и за богоразмислување. Посебно ноќта е за покајание, а вистинско покајание нема без плач. Ноќе човекот непречено размислува за своите дела, за зборовите и мислите свои и се кае за сѐ што направил против законот Божји. Ако човекот ноќе покајнички плаче, дење ќе се радува; ќе се радува како новороден, како избањат, како олеснет од бремето на гревот. Ако ли, пак, ноќта ја поминува во грев и во безумни веселби, денот ќе му осамне жалосен и плачевен.

О Господи Исусе, Спасителу и Учителу наш, укорувај нѐ, но опростувај ни; казнувај нѐ, но спаси нѐ. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

13 ОКТОМВРИ

1. Св. мч-ци Карп и Папила. Карп бил епископ Тијатирски, а Папила бил ѓакон. Родени биле од Пергам, каде што најпосле и пострадале за Христовата вера од лошиот намесник Валериј, во времето на царувањето на Декиј. Валериј ги врзал за коњи и ги отерал во Сард каде што многу ги мачел, но ангел Божји им се јавил и ги излекувал од раните, поткрепувајќи ги. Слугата на Карп, Агатадор, го следел со голема жалост својот господар додека и него не го зеле на мачење. Потоа Валериј повторно ги врзал за коњи и од Сард повторно ги довлекол во Пергам. Кога св. Карп го врзале за дрво и толку многу го камшикувале што целото тело во рани му го претвориле, а неговата крв како поток ја напоила земјата, тој се изнасмеал на тие страшни маки. Кога го прашале зошто се смее, светиот маченик одговорил дека го видел небото отворено и Господа каде што седи на престолот со херувими и серафими наоколу. При мачењето на Папила, овој свет маченик со молитва излекувал еден човек, слеп на едното око. И многумина кои тоа го виделе поверувале во Христа Господа. Фрлени пред ѕверовите, овие маченици останале неповредени. Кога ги фрлиле во огнена печка, ги видела Агатоника, сестрата на Папила, па и таа скокнала во огнот. Но огнот не ги изгорел. Најпосле сите со меч

ги исекле во 251 година. И така, по добрите подвизи, го примиле венецот на славата во царството Христово.

2. Свешт. мч. Венијамин, ѓакон. Овој војник Христов бил Персиец и со ревносна проповед на ***Евангелието*** обратил во верата Христова многу Персијанци и Елини. Пострадал за време на персискиот цар Издегард, синот Гороранов, околу 412 година. Кога бил фрлен во темница, некој од царските велможи се застапил за него пред царот. Царот го пуштил, но под услов да замолчи и повеќе да не им зборува на луѓето за Христа. Тогаш Венијамин одговорил: „Тоа никако не можам да го прифатам затоа што на големи маки ќе биде предаден оној кој го крие подарениот талант". Така, продолжил да ја шири верата Христова. Царот наредил, та му набиле трње под ноктите и го мачеле сè додека не го предал својот дух на Бога.

3. Св. вмч-чка Злата Мегленска. Родена е во селото Слатина во Мегленската област, од сиромашни селски родители, кои имале уште три ќерки. Св. Злата била кротка и побожна девојка, мудра со Христова мудрост и златна, не само според името, туку и според богоплашливото срце. Кога еднаш Злата излегла да налее вода, некои бесрамни Турци ја фатиле и ја одвлекле во својата куќа. Кога еден од нив ѝ понудил да се потурчи и да му постане жена, Злата без страв одговорила: 'Јас верувам во Христа и Него единствен го знам за свој Младоженец; од Него нема никогаш да се одречам макар вие и на илјада маки да ме ставите, дури и на парчиња да ме исечете". Тогаш пристигнале нејзините родители со сестрите. И родителите ѝ рекле: „Ќерко наша, смилувај се на себе си и на нас, на своите родители и на сестрите, одречи се привидно од Христа за да бидеш среќна и ти и ние, а Христос е милостив, ќе ти го опрости гревот направен под присила во животот". Плачеле горко бедните родители, сестрите и роднините. Но витешката душа на св. Злата не се предала да биде победена од ѓаволските замки. Таа им одговорила на своите родители: „Кога вие ме советувате да се одречам од Христа, вистинскиот Бог, вие повеќе не сте мои родители, ниту мои сестри; имам татко, Господ Исус Христос и мајка Богородица, а браќа и сестри ми се светителите и светителките". Тогаш Турците ја фрлиле во темница каде што лежела три месеци; секој ден ја изведувале и ја камшикувале, сè додека нејзината крв не ја натопила земјата. Најпосле ја обесиле надолу со главата и под неа запалиле оган за од чадот да се задуши. Но Господ бил со Зла-

та и ѝ давал сила во страдањето. Најнакрај ја обесиле на дрво и целата ја исекле на мали парчиња. И така, оваа мажествена девица го предала својот дух на Бога и се преселила во рајските населби, во 1796 година. Парчиња од нејзините мошти разнесле христијаните по своите домови заради благослов.

РАСУДУВАЊЕ

Нема ништо победно од човек кој во часот на бедата ќе го напушти надежта во Бога и прибегнува кон средства за спасување спротивни на законот Божји. Таквиот човек не само што не успева да се спаси и да ја поправи својата надворешна положба, туку уште ја губи и душата. Таков бил случајот со царот Михаил Палеолог. За да го спаси своето царство загрозено од Бугарите и од Србите, тој побарал помош од папата и се согласил на унија. Што постигнал со тоа? Царството не го спасил, а направил безбројни злосторства и набрзо тажно завршил во воен поход на епирскиот кнез Јован Дук. Православниот народ бил толку лут на него што неговиот син Андроник не смеел јавно да го погребе, туку ноќе го закопал без опело и без молитва. Одлачен од православната Црква, а од римската не прифатен, Михаил завршил надвор од црквата Божја. Неговата жена, царицата, по неговата смрт издала ваков указ: „Како царица го мразам и го сметам за гнасно ова дело (унијата), која неодамна се случи во црквата и направи метеж... Па како што црквата Божја определила да не го удостојува со пропишаните помени мојот умрен сопруг, господарот и царот, заради споменатото дело и метежот, така и јас, претпочитувајќи го за сè стравот Божји и покорноста на светата црква, го одобрувам и го прифаќам тоа нејзино определување, и никогаш нема да се решам да правам помен за душата на господарот и мојот сопруг“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната казна со која апостол Петар го казнил Ананија (Дела, 5), и тоа:

1. како Ананија, а потоа и неговата жена Сапфира измамиле и скриле нешто од парите;

2. како апостол Петар ги изобличил и тие еден по друг паднале и починале.

БЕСЕДА
за бремето на гревот и ослободувањето

Блажени се оние чии беззаконија им се простени и чии гревови се покриени (Пс. 31:1).

Од гревот се раѓа страв, збунетост, немоќ, раслабеност и помраченост на умот. Со гревот човекот ги предизвикува луѓето против себе, ја збунува својата сопствена совест, ги собира околу себе демоните и им дава оружје против себе. Со гревот човекот се одделува од Бога, се оддалечува од својот ангел чувар, се оградува од изворот на секое добро. Направениот грев означува објава на војна со Бога и со сите добри сили. Тоа е посмешно отколку овенатиот есенски лист да му објави војна на ветрот. Но и тоа најсмешното се случува, имено: човекот му објавува војна на Бога! Самото објавување однапред значи пораз и пропаст, ако човекот брзо не си дојде на себе, не се покае и не прибегне кон Бога за помилување.

Ужасната положба на еден грешник добро ја осетил и на самиот себе ја испробал царот Давид. Осетил неискажан страв, збунетост, раслабеност, самотија, ги почувствувал човечките и демонските стрели. Но кога ја увидел својата страшна положба, Давид го признал својот грев, паднал во пепел пред Бога, со солзи на покајание ја натопил земјата, со зборови на болка што пече како оган го молел милостивиот Бог да му опрости. И кога му било сѐ опростено, тој тогаш почувствувал неискажано блаженство. Тоа блаженство на опростената душа тој не може со зборови да го искаже, само јавува, потврдува и уверува врз основа на своите доживувања во двете состојби, т.е. состојбата на грешникот и состојба на опростениот од Бога: *блажени се оние чии беззаконија им се простени и чии гревови се покриени*! Како се блажени? Со слобода, со храброст, со неизречена радост, со сила и снага и јасност на мислите, со мир на совеста и со надеж во Бога, со песна на Бога, со љубов кон ближните и со смисла на животот! Со еден збор: светлина, радост и сила, тоа се тие блаженства. Тоа се блаженствата што опро-

стениот од гревот ги чувствува овде на земјата; а какви сѐ блага го очекуваат на небото, тоа *човечко око не виде, уво не чу, ниту на човек на ум му падна* (I Кор. 2:9).

О Господи Боже наш, според Твојата бескрајна милост, опрости ни ги беззаконијата и покриј ни ги гревовите! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

14 ОКТОМВРИ

1. Преп. Петка – Параскева. Оваа славна светителка била од српско потекло, родена во градот Епиват (Пиват, по турски *Бојадос*), помеѓу Силинаврија и Цариград. Родителите на св. Петка биле имотни и побожни христијани и освен Петка, имале и еден син, Ефтимиј, кој додека биле уште живи родителите се замонашил и подоцна постанал познат епископ Малитски. По смртта на родителите, девицата Петка, отсекогаш жедна за подвижнички живот заради Христа, го напуштила родителскиот дом и прво отишла во Цариград, а потоа во јорданската пустина каде што се подвизувала до својата старост. Кој би можел да ги искаже сите маки, страдања и ѓаволски искушенија што ги претрпела св. Петка во текот на многуте години? Во староста еднаш ѝ се јавил ангел Божји и ѝ рекол: „Остави ја пустината и врати се во твојата татковина; потребно е таму да го предадеш своето тело на земјата, а душата да ја преселиш кон Господа“. Св. Петка го послушала гласот од небото, ја оставила омилената пустина и се вратила во Епиват. Овде таа проживеала уште две години, повторно во пост и во молитва и тогаш го предала својот дух на Бога и се преселила во рајските населби. Се упокоила во XI век. Нејзините чудотворни мошти во текот на времињата биле пренесувани: во Цариград, во Трново, па пак во Цариград, па во Белград. Сега се наоѓаат во Романија, во градот Јаш. Во Белград се наоѓа вода (агиазмо) на св. Петка, која чудотворно ги лекува сите оние болни кои со вера во Бога и со љубов кон оваа светителка кон неа притекнуваат.[19])

---

[19]) Во грчкиот *Синаксар* е запишан случајот на чудната помош од св. Петка на островот Хиос во 1442 година. Некој јеромонах Амвросиј служел вечерна во црквата на св. Петка. Во црквата немало никој. При крајот удрил страшен дожд со голема бука и паѓал цела ноќ. Ам-

2. Св. мч-ци Назариј, Гервасиј и Протасиј. Назариј бил роден во Рим од татко Евреин и мајка христијанка. Неговата мајка Перпетуа била крстена од самиот апостол Петар. Откако ја примил мајчината вера, Назариј својствено се предал на исполнување на сите црковни закони. Бестрашно проповедајќи го ***Евангелието***, Назариј дошол во Медиолан (Милано). Таму во затвор ги нашол Гервасиј и Протасиј и им служел со голема љубов. Кога научил за тоа, месниот кнез наредил да го претепаат Назарија и го прогониле од градот. Во некоја визија му се јавила неговата мајка и му рекла дека треба да појде во Галија (Франција) и таму да го проповеда ***Евангелието***. Назариј така и направил. По неколку години, Назариј повторно се вратил во Медиолан, сега со момчето Келсиј, својот ученик, кого тој го крстил во Галија. Овде ги затекнал браќата Гервасиј и Протасиј сè уште во затворот, во кој наскоро и него го фрлил кнезот Анулин. Се радувале Христовите маченици заради новата средба според Божјата промисла. Царот Нерон наредил Назариј да биде убиен; и кнезот ги извел од затворот Назарија и Келсија и им ги отсекол главите. Наскоро потоа биле исечени и св. Гервасиј и св. Протасиј од некој војвода Астазиј, кој преку Медиолан доаѓал во војна против Моравците. Кога војводата слушнал дека овие двајца браќа не принесуваат жртва на идолите, се исплашил заради тоа да не ја изгуби војната, па наредил веднаш да ги убијат. Гервасиј и Протасиј биле близнаци на блажените родители и исто така маченици за верата: Виталија и Валериј. Моштите на св. Назариј ги пренесол св. Амвросиј од некоја градина надвор од градот во црквата на св. Апостоли, а моштите на св. Гервасиј и на св. Протасиј биле откриени во една чудна визија.

РАСУДУВАЊЕ

вросиј не можел да излезе од црквата. Мислејќи дека целиот остров ќе пропадне од потопот, тој почнал да се моли на св. Петка да ја спаси неговата татковина и да го смилостиви праведно разгневениот Бог. Пред зората, го навјасал сонот и тој видел како го снемува покривот на црквата, а во височината еден светол облак и на него благообразна жена на молитва кон Бога. По молитвата, таа му рекла на свештеникот: „Амвросиј, не плаши се, татковината ти е спасена“. И дождот веднаш престанал. Оттогаш на островот Хиос многу свечено се празнува денот на св. Петка.

Примерите како светителите сами ги откриваат своите скриени мошти на луѓето го оправдуваат почитувањето на светителските мошти, а да не зборуваме и за чудотворното дејство на тие мошти што двојно ги оправдува. Гробот на св. Петка долго и долго никој не го знаел. Еднаш се случило некој морнар да умре и неговото тело било фрлено во близина на гробот на оваа светителка. Кога телото почнало да се распаѓа и почнало да оддава неподнослива смрдеа, некој монах, кој се подвизувал недалеку, ги повикал селаните, та го погребале. И се случило да го погребат во самиот гроб на св. Петка. Таа ноќ св. Петка му се јавила во сон на еден од тие селани кои го погребале мртвиот морнар, Ѓорѓи по име. Се јавила како некоја прекрасна и украсена царица, опколена со многу лични војници, па рекла: „Ѓорѓи, веднаш да ги извадиш моите мошти и да ги положиш на друго место, бидејќи не можам повеќе да ја поднесам смрдеата од оној труп". И св. Петка му кажала која е и од каде е. Истата таа ноќ, исто такво видение имала и една селанка од тоа место, Ефимија. Утредента отишле селаните, почнале да копаат и навистина ги пронашле моштите на св. Петка, необично мирисливи и, како што наскоро се покажало, чудотворни.

За моштите на св. Гервасиј и на св. Протасиј раскажува св. Амвросиј како истите нему на сличен начин му биле откриени. Една ноќ му се јавиле на будниот Амвросиј две прекрасни момчиња и еден старец, за кого св. Амвросиј мисли дека е св. апостол Павле. И додека момчињата молчеле, старецот му рекол на Амвросиј за нив дека тоа се Христови маченици, дека нивните мошти лежат на она исто место на кое св. Амвросиј во тоа време се молел на Бога и дека сето останато ќе го дознае за нив од една книшка што ќе ја најде во гробот. Утредента св. Амвросиј го објавил своето видение, започнале да копаат и навистина ги пронашле моштите на двајцата луѓе за кои од најдената книшка дознале дека тие се викале Гервасиј и Протасиј. Во присуство на св. Амвросиј, некој слепец Севир се допрел до тие свети мошти и веднаш прогледал.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудните исцелувања од страна на светите апостоли (Дела, 5), и тоа:

1. како со рацете апостолски се случиле многу знаци и чуда;

2. како од самата сенка на апостол Петар многу болни се исцелиле.

БЕСЕДА
за тоа како ангелите
војуваат за праведниците

Ангел Господов застанува околу оние кои се бојат од Него, и ги спасува (Пс. 33:7).

Ангел Господов ќе војува за оние кои се бојат од Бога. Тоа се покажало јасно многупати, што е запишано и безброј пати што не е запишано. Архангелот Михаил го одбранил Исуса Навина. Ангел војувал за царот Језекиј праведниот и за една ноќ ја уништил целата халдејска војска. Колкупати ангели ги посетиле апостолите и христијанските маченици во затворите, ги поткрепиле и ги развеселиле? За праведникот тоа е утеха кога знае дека Бог сè гледа и ја согледува неговата неволја, и што Бог е семоќен, та може да го спаси од неволјите. Ќе го испрати Бог својот светол ангел на помош на праведникот, и праведникот нема да се бори против својот тиранин, туку ќе се бори ангел Божји на неговото место. А кога ангелот Божји ќе се спротивстави, каква војска смее да му излезе во пресрет? Каква ли царштина со него ќе војува? Во претходниот псалм пророкот Давид вели: *Не го спасува царот голема војска; голема сила ни исполинот нема да го спаси, несигурен е коњот за спасување*. Сето тоа ништо не помага, ако е неправдата сојузник на сето тоа. Кога еден ангел ќе се спротивстави на сето тоа, сето тоа ќе прсне како меур од вода. И Давид бил цар и добро си споменувал како некогаш како овчар со прачка го убил Голијата, џин кој бил до заби наоружан. Тој повеќепати ја осетил помошта на ангелот Божји. Затоа тој и може со таква сигурност да ги утешува притеснетите праведници со зборови на утеха и сила: *ангел Господов ќе застане околу вас*, и сите вие кои се плашите од Господа и Нему Му служите, ќе ве спаси ангел Божји.

О браќа мои, да не се сомневаме во овие зборови, туку да испитуваме секојдневно и внимателно како ангелот

Божји нас нѐ остава со тага кога грешиме, и како ни притекнува на помош со радост и со неискажана сила кога се каеме и од Бога милост просиме.

О Господи Боже наш, Создателу наш, Цару на безбројните ангели, опрости ни и спаси нѐ и заштити нѐ со Твоите свети ангели. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

15 ОКТОМВРИ

1. Преп. мч. Лукијан презв. Антиохиски. Роден од благородни родители во Самосат, Сирија. Во младоста се здобил со многу широко световно и духовно образование. Бил многу познат човек, како по ученост така и по подвижничката строгост на животот. Откако го разделил својот имот на сиромашните, тој се издржувал од составување на поучни дела, и од тоа како ракотворец се хранел. Многу голема услуга ѝ направил на Црквата со тоа што, според еврејскиот текст, поправил многу места во ***Свешшо йисмо*** кои, еретиците, сходно на своето искривено учење, ги расипале. Заради учеността и духовноста, бил ракоположен за презвитер во Антиохија. За време на Максимијановото гонење кога биле мачени св. Антим Никомидиски и св. Петар Александриски, и св. Лукијан бил на списокот на оние кои царот сакал да ги погуби. Лукијан избегал од градот и се скрил, но некој завидлив еретички свештеник Панкратиј го накажал. Во тоа време гонењето било страшно. Ниту малите деца не биле поштедени. Две дечиња, кои не сакале да јадат од идолската жртва, биле фрлени во врела бања, во која во маки ги предале своите свети души на Бога. Некоја Лукијанова ученичка, по име Пелагија (види, 8 октомври), за да ја сочува својата девственост во чистота од развратните насилници, се фрлила од покривот на куќата и се распрснала. Лукијан бил доведен во Никомидија пред царот. По патот со своите совети успеал да приведе кон Христовата вера 40 војници и сите маченички завршиле. По испрашувањето и тепањето, св. Лукијан бил фрлен во затвор каде што го мачеле со глад. „Тој го презрел гладот“, пишува св. Јован Златоуст за него. „Да го презреме и ние раскошот и да ја уништиме власта на стомакот, та кога ќе дојде времето што од нас бара таква машкост, бидејќи однапред подготвени со по-мош на помали подвизи, да се јавиме славно, во времето на борба-

та". На Богојавление се причестил во затворот и утредента го предал својот дух на Бога. Пострадал на 7 јануари 311 година.

2. Преп. Ефтимиј Нови. Роден во Анкир во 824 година од праведни родители Епифаниј и Ана. Служел војска, се оженил и имал една ќерка, Анастасија. Се подвизувал остро и долго во олимписките манастири, а потоа во Света Гора. Некос време живеел како столпник во близина на Солун. Овде, во близината на Солун, основал еден машки и еден женски манастир. Се упокоил на островот Свештен близу до Света Гора, кон крајот на IX век. Неговите свети и чудотворни мошти почиваат во Солун.

РАСУДУВАЊЕ

Божјите светители многу полагале на тоа да се причестат пред смртта. Дури и мачениците и маченичките, иако својот живот го жртвувале за Христа Господа и со маченичката крв ги измивале сите свои гревови, жедно ја примале светата тајна каде и да имале можност. Свети Лукијан бил во затвор со уште неколку свои ученици и други христијани. Во предвечерието на Богојавление, тој посакал на тој голем христијански празник да се причести со телото и со крвта Христови, бидејќи знаел дека му претстои блиска смрт. Кога ја видел срдечната желба на Својот страдалник, Семоќниот Бог устроил, та некои христијани донесле леб и вино во затворот. Кога се разденило Богојавление, Лукијан ги повикал сите христијани во затворот да застанат околу него. „Опкружете ме мене и бидете црква". Но, во затворот немало ниту маса ниту столови, ниту камен, ни дрво, на што би се извршила светата литургија. „Каде, свети оче, ќе ги ставиме лебот и виното?", го прашале Лукијана. Тој легнал на средина и наредил да ги положат лебот и виното на неговите гради. „На моите гради ставете ги и нека биде жив престолот на живиот Бог!" И така, се извршила литургијата, потполно според чинот и молитвено на градите на маченикот и сите се причестиле. Утредента царот ги испратил војниците да го изведат Лукијана на мачење. Кога војниците ја отвориле вратата од затворот, свети Лукијан трипати извикнал: „Јас сум христијанин! Јас сум христијанин! Јас сум христијанин!" Потоа го предал својот дух на Бога.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното ослободување на апостолите од затвор (Дела, 5), и тоа:

1. како еврејските старешини ги фрлиле апостолите во затвор;

2. како ангел Божји ноќе им се јавил, го отворил затворот, ги извел апостолите и им наредил да одат во црквата и да го проповедаат ***Евангелието***.

БЕСЕДА
за тоа како Господ ги чува коските на праведниците

Господ ги чува сите коски нивни; ниедна од нив нема да се строши (Пс. 33:20).

Нека не се плашат праведниците. Бог, Кој сѐ гледа, бдее над нив. Или, зар може нешто да изгуби или да заборави? На денот на воскресението Он ќе го собере сиот нивни телесен состав и прославено ќе го воскресне. Гонителите ги фрлале телата на мачениците во морето, ги закопувале во длабоки јами или ги оставале во полето птиците да ги исколваат. И Господ со Својата промисла така ги управувал случувањата што тие свети мошти сепак доаѓале во рацете на верниците; тие се полагани во скапоцени ковчези, над нив се ѕидани храмови, од нив произлегувала чудотворна сила. Така Бог сакал со тоа да им покаже на верниците, прво, дека Он ги чува коските на праведниците, и второ, дека ги прославил во небесното царство, за што се известува и Црквата на земјата преку чудната сила на нивните прославени тела. Чудотворните мошти се како претходник на општото и славно воскресение на праведниците. Ако коските на некои праведници биле изгорени или сомелени, зар тоа може да биде пречка на семоќната сила Божја, во денот на воскресението, од развеаната пепел повторно да ги состави и да ги оживи? *Влакно од главата ваша нема да загине* (Лк. 21:18), потврдува Спасителот. Сакаш ли, пак, под коски да ги подразбереш делата, тогаш знај дека делата на неправедните се како чад, а делата на праведниците се силни и трај-

ни како тврди коски. Ниедно праведно тело нема да се истенчи и нема да исчезне во текот на времињата. Бог ги знае и Бог ги чува за да ги објави како драгоцен бисер пред соборот на ангелите и на луѓето во Оној Ден.

О Господи Кој сè гледаш, Господару и чувару на праведниците, умножи ги нашите праведни дела со Твојот Свет Дух, без Кого ниедно добро не може да се направи. И спаси нè според Твојата милост, а не според нашите дела. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

16 ОКТОМВРИ

1. Св. мч. Лонгин. Апостолот и евангелист Матеј, опишувајќи го страдањето на Господа Исуса Христа, вели: *А стотникот и оние, што со него заедно Го чуваа Исуса, откако го видоа земјотресот и сè друго што стана, се уплашија многу и говореа:* ***Навистина Овој бил Син Божји*** (Мт. 27:54). Тој стотник бил овој блажен Лонгин, кој, уште со двајца свои војници, поверувал во Синот Божји Исуса. Тој бил старешина на војниците кои присуствувале на распнувањето на Господа на Голгота, тој бил старешина на стражата што го чувала гробот. Кога еврејските старешини дознале за Христовото воскресение, ги потплатувале војниците да пронесат лажна вест како Христос да не воскреснал, туку дека Неговите ученици го украле. Евреите пробале да го потплатат и Лонгина, но тој не дозволил. Тогаш Евреите прибегнале кон својот вообичаен начин, т.е. решиле да го убијат и Лонгина. Кога за тоа дознал Лонгин, го симнал својот војнички појас, се крстил од апостолите заедно со двајцата другари и заедно со нив тајно го напуштил Ерусалим и се преселил во Кападокија. Така се предал на пост и на молитва и како жив сведок на воскресението Христово, со своето сведоштво обратил многу незнабожци во вистинската вера. Потоа се оддалечил во селото на имотот на својот татко. Но еврејската злоба ни овде не го оставила на мира. По предавството од Евреите, Пилат испратил војници да го убијат Лонгина. Свети Лонгин со духот го предвидел приближувањето на целатите, па им излегол во пресрет и ги поканил во својот дом, не кажувајќи им кој е. Добро нагостените војници легнале да преспијат, а св. Лонгин започнал молитва и се молел цела ноќ подготву-

вајќи се за смрт. Утредента отишол и ги довел и оние негови двајца другари, се облекол во бели погребни алишта, ги поучил своите деца во куќата и им го покажал местото на едно ритче на кое да го погребат. Тогаш им се јавил на војниците и им рекол дека е тој Лонгин, кого тие го бараат. Војниците се збуниле и се засрамиле и не помислувале да го убијат Лонгина, но тој ги убедил да ја исполнат заповедта на својот старешина. И биле исечени Лонгин и неговите двајца другари. Главата на Лонгин војниците му ја однесле на Пилата. Пилат ја предал на Евреите, а тие ја закопале во ѓубриштето надвор од градот.

2. Преп. Лонгин Трудољубив. Киево–печерски монах од XIV век. Бил вратар во манастирот и имал толку чисто и благодатно срце што секогаш знаел со какви мисли некој влегува во манастирот или со какви, пак, друг излегува од манастирот. Неговите чудотворни мошти почиваат во Теодосиевите пештери.

РАСУДУВАЊЕ

Прво јавување на св. мч. Лонгин. Многу време поминало од маченичката смрт на св. Лонгин кога се случило една вдовица од Кападокија да ослепи. Лекарите не можеле ништо да ѝ помогнат. Одеднаш ѝ дошла мисла да појде во Ерусалим и да се поклони на тамошните светињи, та можеби нешто ќе ѝ помогне. А имала единец син, дете, кој ѝ служел како водич. Штотуку стасала во Ерусалим, нејзиниот син се разболел и умрел. О колкава неизмерна жалост на слепата мајка! Откако ги изгубила очите, таа сега го изгубила и синот единец, чии што очи досега ја воделе. Но во таа нејзина мака и тага ѝ се јавил св. Лонгин и ја утешил со ветување дека ќе ѝ го врати и видот и ќе ѝ го покаже синот во небесна слава. Лонгин ѝ кажал сѐ за себе и ја упатил да отиде надвор од градските ѕидини на ѓубриштето и таму да ја откопа неговата глава, па понатаму сама ќе види што ќе ѝ се случи. Станала жената и тетеравејќи се некако излегла надвор од градот, па довикнала некого и го замолила да ја одведе на најголемото ѓубриште и таму да ја остави. Кога била доведена до ѓубриштето, таа се наведнала и почнала со рацете да раскопува, имајќи силна вера дека ќе го најде она што ѝ кажал светителот да го бара. Чепкајќи така, таа се допрела до главата на светиот маченик и во тој момент ѝ се

отвориле очите и таа под своите раце видела човечка глава. Исполнета со благодарност кон Бога и со голема радост, таа ја зела главата на св. Лонгин, ја измила, ја покадила и ја ставила во својот дом како најголема драгоценост на овој свет.

СОЗЕРЦАНИЕ

1. Да созерцавам за храброста на св. архиѓакон Стефан во исповедувањето на Христа (Дела, 7), и тоа:

1. како св. Стефан ги наброил чудата и Божјата милост спрема народот израилски низ вековите;
2. како го изобличил богоборството и злосторствата на еврејските старешини;
3. како ги нарекол предавници и крвници на Христа.

БЕСЕДА
за горите и бездната Божји

Твојата праведност е како горите Божји, а судовите Твои се како голема бездна (Пс. 35:6).

Горите на правдата Божја ги просекуваат сите далечини на времето и на просторот и се воздигаат од земјата до небото и од облакот на времето се воздигаат во ведрината на вечноста. Зар светителите не се носители на правдата Божја? Погледнете ги како го просекуваат времето и просторот! Родени во времето, тие сега ликуваат во вечноста: живеејќи во вечноста, тие се симнуваат кон нас во времето и ни помагаат како посилните браќа што им помагаат на послабите. Живееле на земјата на ограничен простор, а сега ги слави целата вселена. На сите пет континенти на светот се воздигаат храмови во чест на апостолите, мачениците и останатите праведници Божји. Такви се горите на правдата Божја: не можете да ги ограничите, не можете да ги опфатите, не можете да ги измерите со никаква мерка на овој свет. Какви гори да се мерат со горите Божји? Какви луѓе да се мерат со луѓето Божји? Каква слава да се мери со славата на оние кои Бог ги прославил? О браќа мои, да се радуваме на правдата Божја и да се веселиме на високите гори на правдата Божја.

Судовиѿе ѿвои се како ѓолема бездна. Односно, судовите на Твојата промисла се неиспитани како голема бездна. Јов си го фрлил на ѓубриштето за да го прославиш; Саула си го воздигнал на престолот самиот да се струполи во пропаста. Грешникот го милуваш и му даваш изобилство и здравје за да се покае; го тепаш праведникот за да го закрепиш во верата и во надежта.

Твојата света црква е највисока гора на Твојата правда, матица на многу гори. Твојата света црква, Боже, ги испитува судовите Твои и Твоите патишта и нејзината мудрост е голема и слатка како кошница исполнета со мед.

Господи, растерај ги облаците на злобата од нашето срце за да се познаат Твоите судови и да се видат Твоите патишта. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

17 ОКТОМВРИ

1. Св. прпрок Осија. Син е на Веириј од племето Исахарово. Живеел и пророкувал 800 години пред Христовото раѓање. Неговите богонадахнати зборови се наоѓаат во неговата книга, која содржи 14 глави. Го укорувал многу Израилот и Јуда заради идолопоклонството, ја прорекол казната Божја за гревовите, пропаста на Самарија и на Израилот заради богоотстапништвото, но и милоста Божја кон Јудиното колено. Го прорекол укинувањето на старозаветната жртва, и доаѓањето на Господа, богатството на даровите кои Он ќе ги донесе со Себе на земјата. Живеел до длабока старост и мирно се упокоил.

2. Св. мч-ци Козма и Дамјан Бесребреници. Има три дена во годината посветени на „свети врачи" кои се викале Козма и Дамјан. Едните мирно се упокоиле на 1 ноември, другите биле каменувани во Рим на 1 јули, а овие третите биле од Арабија и за нив станува збор под денешната дата. Биле лекари по занимање и кога ја примиле Христовата вера лекувале болни со името на Господа Исуса Христа. Тие се прочуле на сите страни заради своето чудотворство. Злобните незнабожци ги фатиле и ги одвеле пред кнезот Лисиј во градот Егас. Бидејќи овие свети браќа за ништо на светот не сакале да се одречат од Христа, прво биле фрлени в море, а потоа во оган. Но Семоќниот Бог ги спасил и од потопот и од огнот. Ангел Господов им се јавил и ги спасил.

Безбожниот кнез тоа го припишал на некоја нивна маѓија. А тие му одговориле: „Ние ниту знаеме некаква маѓија ниту имаме потреба од такво нешто, туку имаме сила Христова што нѐ спасува и нас и секого кој го повикува Христовото пресвето име“. Тогаш ги удирале со камења, но камењата се одбивале од нив; ги стрелале со стрели, но и стрелите се одбивале од нив. Најпосле со меч ги обезглавиле. Со нив пострадале и венец на слава добиле и св. Леонтиј, Антим и Евтропиј. Пострадале за време на царевите Диоклецијан и Максимијан. Тие правеле многу чуда, и додека биле живи, и по нивната смрт преку нивните свети мошти.

3. Преп. мч. Андреј. Роден на Крит и христијански свештеник. Во времето на гонењето на иконите, се покажал голем поборник на иконопочитувањето. За да го изобличи опакиот цар Копроним заради иконоборството, св. Андреј отишол во Цариград. Царот еден ден бил во црквата на „Св. мч. Мамант“. Андреј влегол во црквата, застанал покрај царот и јавно пред сите го укорил. „Подобро ќе ти биде, цару, да ги гледаш војничките работи и со народот да управуваш, отколку да Го гониш Христа и Неговите слуги“. Заради тоа св. Андреј бил многу тепан и мачен и влечен по улиците. Некој еретик го удрил со секира и го убил. Така Андреј ја предал својата света душа на Бога во 767 година. Од неговите свети мошти се лекувале болните.

4. Св. Лазар Четиридневен. Главното празнување му е на 17 март и на Лазарева Сабота со чесен пост. Под денешната дата се празнува преносот на неговите мошти од островот Кипар во Цариград. Царот Лав Мудри ѕоѕидал храм на св. Лазар во Цариград и му ги пренесол моштите во тој храм во 890 година. Кога по скоро 1000 години го откопале гробот на Лазара во градот Китија на Кипар, пронашле мермерна плоча на која било напишано: „Лазар Четиридневниот, пријателот Христов“.

РАСУДУВАЊЕ

Второ јавување на св. мч. Лонгин. Кога св. Лонгин ѝ се јавил на слепата вдовица, на која ѝ умрело детето, и ветил дека ќе ѝ го поврати видот и ќе ѝ го покаже синот во голема слава. Кога ги нашла моштите на светиот маченик, допирајќи ги со рацете свои, вдовицата веднаш прогледала. И така едното ветување се исполнило. Следната ноќ св. Лон-

гин ѝ се јавил на вдовицата во голема светлина држејќи го за рака нејзиниот син, кој бил облечен во прекрасна светла облека. Милувајќи го детето како татко, ѝ рекол на вдовицата: „Погледни го, жено, твојот син заради кого толку плачеш! Погледни го во каква чест и слава е, погледај го и утеши се. Бог го вброи во небесните чинови што живеат во Неговото царство. Јас сега го зедов од Спасителот и никогаш нема да се оддалечи од мене. Земи ја мојата глава и телото на твојот син и погреби ги во еден ковчег, па повеќе не тагувај по својот единец и нека не се збунува твоето срце, бидејќи нему му е дадена од Бога голема слава и радост како и бесконечна веселба“. Кога го видела и кога го чула сето тоа, жената се исполнила со голема радост и се вратила во својот дом, говорејќи си самата на себе: „Барав телесни очи, а најдов духовни очи. Бев нажалена заради смртта на својот син, а сега го имам на небото каде стои во слава со пророците и непрестајно се радува со нив“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното видение на архиѓаконот и првомаченикот Стефан (Дела, 7), и тоа:

1. како Стефан, исполнет со Светиот Дух погледнал и го видел отвореното небо;
2. како рекол: *Еве, ги гледам небесата отворени и Синот Човечки како стои од десната страна на Бога*;
3. како Евреите го посипале со камења.

БЕСЕДА
за гнојните рани на гревот

Смрдат и гнијат раните мои
поради безумието мое (Пс. 37:5).

Пророкот, кој и самиот прво грешел и ја осетил сета смрдеа на гревот, зборува за гревовните рани. Колку од ова признание се гледа нечистотијата на првите гревови, исто толку се гледа и повторното очистување на покајникот. Бидејќи сè додека човекот врви по гнојниот пат на гревот, тој не ја чувствува задушливата смрдеа на гревот, но кога ќе се оддалечи од тој пат и ќе тргне по чиста праведна патека, ду-

ри тогаш ја забележува неискажаната разлика помеѓу чистотата и нечистотијата, помеѓу патот на добродетелите и патот на пороците. Замислете го чувството на човекот кој ноќта ја поминал во смрдена и задушлива кафеана и кој наутро се нашол во цветна градина. Таму смрдеа и отров, понижување на душата и телото, лутина и раздор, мачење на себе и на другите, овде големо Божјо сонце над главата, прекрасно цвеќе наоколу, свеж воздух и мирис, тишина и здравје. Уште поголема е разликата помеѓу гревовниот пат и Божјиот пат. *Смрдаш и гнијаш раниште мои*, така големиот цар го опишува своето гревовно минато. Ништо не смрди така како гревот, ништо не гние така и не се распростира како гревот. Смрдеата на телесните рани само донекаде потсетува на смрдеата на грешната душа. Затоа од таквата душа се оддалечува секоја светиња. Чистите небесни духови се кријат од неа, а нечистите адски духови го бараат нејзиното друштво. Секој нов грев е нова рана на душата, секој грев е гној и секој грев е смрдеа. Но од што доаѓаат гревовите? *Од моешо безумие*, објаснува пророкот. Умот што е исфрлен од својот Божествен колосек го наведува човекот на грев. Додека умот не се очисти, човекот не може да се очисти. *А ние имаме ум Христов* (I Кор. 2:16), вели апостолот, т.е. имаме повратен ум во оној колосек во кој бил Адамовиот ум пред гревовната смрдеа. Оттука, браќа, сета православна наука за подвижништвото своето внимание го насочува на една главна точка, на човековиот ум, на очистувањето и на исправувањето на умот.

О Господи Исусе Христе, Чистото и вечен Извору на чистотата, помогни ни да го отфрлиме безумието наше; помогни ни да умуваме според Твојот ум. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

18 ОКТОМВРИ

1. Св. Лука апостол и евангелист. Роден е во Антиохија. Во својата младост добро ја изучил грчката филозофија, медицината и живописот. Во времето на дејноста на Господа Исуса на земјата, св. Лука дошол во Ерусалим, каде што се сретнал со Спасителот лице в лице, ја слушнал Неговата спасоносна наука и бил сведок на чудните Негови дела. Кога поверувал во Господа, св. Лука бил вброен во седумде-

сетте апостоли и бил испратен на проповед. Заедно со Клеопа го видел воскреснатиот Господ на патот за Емаус (Лк. 24). По слегувањето на Светиот Дух на апостолите, Лука се вратил во Антиохија и таму постанал соработник на св. ап. Павле, со кого патувал за Рим, обраќајќи ги во верата Христова Евреите и незнабожците. *Ве поздравува Лука, возљубениот лекар*, им пишува апостолот Павле на Колосјаните (Кол. 4:14). На молба на христијаните, го напишал ***Евангелието*** околу 60 година. По маченичката смрт на големиот апостол Павле, св. Лука го проповедал ***Евангелието*** по Италија, Далмација, Македонија и на други страни. Ја живописал иконата на Пресвета Богородица, и тоа не една, туку три, а исто така и иконата на св. апостоли Петар и Павле. Оттука, св. Лука се смета за основач на христијанскиот иконопис. Во својата старост ги посетил Ливија и Горен Египет. Од Египет се вратил во Грција, каде што продолжил со голема ревност да проповеда и да обраќа луѓе кон Христа, без обѕир на својата длабока старост. Св. Лука ги напишал ***Евангелието*** и ***Делата на светите апостоли***, и двете му ги посветил на Теофил, кнезот на Ахаја. Имал 84 години кога злобните идолопоклоници го ставиле на маки заради Христа и го обесиле на една маслина во градот Тива (Теба) Беотиска. Чудотворните мошти на овој прекрасен светител биле пренесени во Цариград за време на царот Констанциј, синот на Константин.

2. Св. Петар Цетињски, митрополит Црногорски. Роден е на 1 април 1749 година во селото Његош. Стапил во монашки чин во својата 12 година. По смртта на митрополитот Сава во 1782 година, Петар постанал митрополит и господар на Црна Гора. Сиот свој живот, витешки и свет, го посветил овој славен маж на својот народ. Внатре работел со сета сила да ги помири раскараните племиња, а однадвор да ја одбрани земјата и народот од грабливите напаѓачи. Успеал и во едната и во другата работа. Се прославил посебно со победата над Наполеоновата војска во Бока и во Далмација. Кон себе си бил суров, а кон секој друг бил праведен и милостив. Живеел во една тесна келија како прост монах, иако бил кнез на еден народ. Се упокоил на 18 октомври 1830 година. Неговите чудотворни мошти почиваат неизгниени во цетињскиот манастир. Господ го прославил на небесата и на земјата како верен и трпелив Свој слуга.

3. Св. Јулијан и Дидим Слепец. Св. Јулијан, викан Пустиник, бил Персијанец и селанец без образование, но за-

ради чистотата на срцето бил сад на благодатта на Светиот Дух. Се подвизувал покрај Еуфрат во Месопотамија. Имал дар на видовитост. Во самиот час кога погинал Јулијан Отстапникот, св. Јулијан тоа го видел со духот и им го објавил на своите ученици. Неговиот современик св. Дидим Слепецот во Александрија, исто така, со духот ја предвидел смртта на Јулијана: бил ноќе на молитва кога му дошол глас од небото: „Денес го снема царот Јулијан, извести го за тоа патријархот Атанасиј". Св. Антониј Велики многу го почитувал чудниот слепец Дидим, кој имал видовит дух и навраќал кај него кога доаѓал од пустината во Александрија и заедно со него се молел на Бога. И св. Јулијан и св. Дидим, прекрасни слуги Божји, се упокоиле после 362 година.

РАСУДУВАЊЕ

Може ли грешникот за десет дена да ги покае своите гревови? Според неизмерното Божјо милосрдие, може. Во времето на царот Маврикиј имало некој познат разбојник во околината на Цариград. И во околината на престолнината и во самата престолнина владеел страв и трепет од него. Тогаш царот Маврикиј му испратил крст во знак на вера дека нема ништо да му направи ако се предаде. Разбојникот го примил крстот и се предал. Кога дошол во Цариград, тој паднал на колена пред царот и молел за опростување. Царот го одржал зборот, го помилувал и го пуштил на слобода. Но веднаш потоа разбојникот тешко се разболел и предосетил дека му се приближува смртта. Тој почнал горко да се кае за сите свои гревови и со плач Го молел Бога да му опрости како што му опростил и царот. Многу солзи пролеал на молитва така што шамичето со кое ги бришел солзите било сето водено. И по десет дена плач и молитва, разбојникот умрел. Истата ноќ кога тој умрел, лекарот кој го лекувал во сон видел чудна визија: кога разбојникот на постелата ја испуштил душата, се собрале околу него некакви црнци со многу книги на кои биле напишани гревовите на умрениот. Овде се појавиле и два светли ангела. Помеѓу нив била поставена терезија и црнците весели ги ставиле сите свои книги на тасот, та нивната страна натежнала бидејќи другата страна на терезијата била празна. „Што ќе ставиме ние?" – се советувале ангелите. „Да побараме некое добро во неговиот живот!" И се нашло во рацете на едниот ангел шамичето нато-

пено со покајничките солзи. Ангелите брзо го ставиле на својата страна од терезијата и нивната страна одеднаш била потешка од сите оние хартии. Тогаш црнците тажно побегнале развикувајќи, а ангелите ја зеле душата и ја однесле во рајот, славејќи го Божјото човекољубие.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудото со апостолот Филип и кастрираниот (Д.а., 8), и тоа:

1. како ангелот го упатил Филипа од Самарија на пат за Газа;
2. како го видел Филип кастрираниот властелин, му објаснил едно пророштво на Исаија и го крстил;
3. како ангел го зел Филипа, го направил невидлив за кастрираниот и во истиот момент го пренесол во градот Азот.

БЕСЕДА
за гревовите на јазикот

Си реков: ќе ӣазам на ӣаӣишӣаӣа мои, за да не зїрешам со јазикоӣ свој (Пс. 38:1).

Гревот на јазикот е најчест и најбрз грев. *Но оној кој во зборови не їреши, ӣој е совршен човек*, вели апостол Јаков (Јак. 3:2). Кога покајникот ќе тргне по Божјите патишта, т.е. кога ќе почне да живее според Божјите заповеди, нека се труди првин со јазикот да не погреши. Такво правило си поставил покајаниот Давид. Посебно решил да молчи пред своите противници; *Ќе ја зайечаӣам мојаӣа усӣа коїа їрешник ќе засӣане ӣред мене.* Еве прекрасно правило за оние кои се лекуваат од гревот. Кога го оптужуваат, тој не одговара; кога го клеветат, тој молчи. Навистина што помага да му се зборува на разлутениот неправедник, кој нема пред себе Бог? Ако му зборуваш за злото, уште повеќе ќе го разлутиш, ако, пак, за добро, ќе го направиш потсмевач на светињата. Пред Пилат Христос молчел. *Зар мене не ми одїовараш?* – му рекол Пилат. Што да ти одговори кога немаш уши да чуеш ниту разум за да разбереш? Гледај, молче-

њето на праведникот пред неправедникот уште може најдобро да влијае на неправедникот. Оста-вен сам да го толкува молчењето на праведникот, неправедникот може да го протолкува во корист на својата душа, додека секој одговор, бел или црн, да се толкува за зло или за осуда на другиот и за оправдување на себе. Блазе си му на оној кој ќе се научи да владее со јазикот.

О Господи Исусе Христе, Боже наш, Ти кој си ни покажал со пример како и кога треба да зборуваме, си ни покажал со пример како и кога треба да молчиме. Помогни ни со Твојот Свет Дух да не згрешиме со јазикот. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

19 ОКТОМВРИ

1. Св. пророк Јоил. Втор по ред од малите пророци, св. Јоил бил син на Ватуил од Рувимовото колено. Живеел 800 години пред Христа. Пророкувал за бедата на израилскиот народ и за вавилонското ропство за гревовите направени пред Господа. Го повикувал народот на пост и свештениците на покајни плачни молитви Бог да биде милостив. *Наредете пост и повикувајте кон Господа. Помеѓу тремот и олтарот нека плачат свештениците.* Јоил го прорекол слегувањето на Светиот Дух на апостолите, излевањето на благодатта на Божјиот Дух на сите христијани. Го прорекол и го опишал Страшниот Суд Божји. Ја прорекол и славата на Светата Божја Срква.

2. Св. мч. Вар. Бил римски офицер во Египет и притоа бил таен христијанин. Кога биле фрлени во затвор седум христијански учители, Вар ги посетувал во затворот и ги снабдувал со потребното и им служел. Тој им се восхитувал на мачениците и жалел што и тој поради стравот не можел да постане Христов маченик. Овие Божји луѓе го охрабриле и Вар решил и самиот со нив да појде на маки. Еден од тие Божји луѓе починал во затворот. Кога нечестивиот кнез ги извел пред себе мачениците, видел дека се шест и прашал, каде е седмиот. „Јас сум седмиот!" – му рекол Вар. Тогаш разлутениот кнез прво го измачувал Вар. Наредил гол да го тепаат со суви стапови; потоа го врзале за дрво и со ножеви му сечеле парче по парче месо сè додека св. Вар не ја предал својата света душа на Бога. Неговото тело било фрлено

на ѓубриштето. Некоја жена Клеопатра, родена во Палестина и вдовица на некој офицер, се нашла овде со својот син Јован. Таа тајно ги зела моштите на Вар од ѓубриштето и ги погребала во својот дом. Потоа издејствувала од кнезот дозвола да може од Египет во Палестина да го пренесе телото на својот покоен маж. Како на жена на офицер, кнезот тоа веднаш ѝ го дозволил. Но, блажената христијанка Клеопатра, не го пренесла телото на својот маж, туку моштите на св. мч. Вар. Ги донесла моштите на маченикот во своето родно село Едра во близина на Тавор и таму чесно ги погребала. Потоа му подигнала и храм на св. Вар. Свети Вар $ се јавувал често од оној свет светол како ангел Божји.

3. Преп. Прохор Пчински. Современик и другар на св. Јован Рилски и на Гаврил Лесновски. Според неговата молитва, Бог му го покажал местото каде ќе се подвизува. Тоа место било една пољанка крај реката Пчиња. Овде св. Прохор се подвизувал сè до староста и до смртта. Само единствениот Бог, Кој сè гледа, ги знае неговите трудови и искушенија, кои во текот на подвигот ги претрпел. Но според неговите мироточиви мошти и безбројните чудни исцелувања, што ни до денес не се прекратуваат, може да се просуди за величината на неговиот подвиг и за величината на Божјата благодат што му била дадена заради неговите големи трудови. Св. Прохор се упокоил и се преселил во небесното царство во XI век.

РАСУДУВАЊЕ

Јавувањето на св. мч. Вар. Кога побожната вдовица Клеопатра му изградила црква на св. Вар, поканила епископ и свештеници, та ја осветиле црквата. Се собрале голем број христијани на тоа празнување, бидејќи околината го почитувала св. Вар како голем исцелител и чудотворец. По Божјата служба, побожната ктиторка отишла кај моштите на св. Вар во црквата и му се помолила вака: „Ти се молам страдалнику Христов, испроси ми го од Бога она што Му е угодно Нему, а на мене и на мојот син што е полезно". А Клеопатра имала син Јован, момче стасано за војска. Штотуку излегла таа од црквата од молитва, нејзиниот син, дотогаш здрав, се разболел. Го обзело некој оган и му бил сè полошо и полошо, додека околу полноќ не починал. Тажната и лута мајка дошла на гробот на св. Вар и почнала остро да говори:

„О угоднику Божји, зар ти мене така ми помагаш?“ И уште многу тешки оптужби изрекла така што се преморила и паднала во лесен сон. Одеднаш ѝ се јавил св. Вар со нејзиниот син Јован. И двајцата биле светли како сонце, во облека бела како снег, препашани со златни појаси, а на главите имале прекрасни венци. Светителот ѝ рекол: „Зар самата не молеше да го просам она од Бога што Му е Нему угодно, и на тебе и на твојот син полезно? Јас Му се молев на Бога и Он, според Својата неизречена благост, го зеде твојот син во небесната војска. Ако сакаш, еве, земи го и дај го во војската на земниот цар“. Кога се разбудила од сонот, Клеопатра осетила голема радост во срцето и излегла весела од црквата. Седум години проживеала при таа црква. Св. Вар со Јован честопати ѝ се јавувале.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното обраќање на Савле во Христовата вера (Дела, 9), и тоа:

1. како Савле тргнал за Дамаск да ги гони христијаните;

2. како на патот го осветлила светлина од небото и го слушнал гласот на Христа: *Савле, Савле, зошто Ме гониш?*

БЕСЕДА

за жедта на душата за Бога

Душата моја жеднее за силниот и живиот Бог; кога ќе дојдам и ќе се јавам пред лицето Божјо (Пс. 41:2).

Кога во човечкото срце само ќе светне искра на љубов кон Бога, човекот да не ја задушува, туку нека ја пушти да се разгорува и ќе виде чудо. Ќе се разгори таа искра во голема и невидена светлина. И светлината и топлината нејзина ќе бидат многу големи. Во светлината на љубовта кон Бога човекот ќе се чувствува во овој свет како во мрак; а од топлината нејзина ќе чувствува незагаслива духовна жед – жед за Бога, за приближување кон Бога, за видување на Бога. Таа жед ја споредува Богољубецот Давид со жедта на

еленот што брза кон водените извори. *Душата моја жеднее за силниот и живиот Бог*. Зар не е сè немоќ околу нас? Зар сè околу нас не се претвора во гнилеж? Ние се фаќаме за сенките, ние ги гушкаме мртовците. Утрешната смрдеа ние ја плаќаме денес со злато и со сребро, понекогаш со чест и со совест, а понекогаш дури и со живот – смрдеата на утрешниот ден! Тоа не е љубов туку животинска похота. Големата душа бара предмет достоен за љубов, бара предмет неподложен на кршење и на гниење, на распаѓање и гнасотија на минливите тела. Затоа царот богољубец и нагласува: *силниот и живиот Бог*. Бидејќи кој навистина е силен и жив освен Бог? Бог дарувал сила и живот на ангелите и на Своите светители, но тоа е сè Негово и од Него. Кога ќе дојдам и ќе се јавам пред лицето Божјо? Еве копнеж за неодолива вистинска љубов кон Бога. Нека се засрамат сите оние кои велат дека веруваат во Бога и Го љубат Бога, додека самата помисла на смртта, на заминувањето од овој свет, ги доведува до безумие.

О Господи Боже наш, свет, силен и жив; извору на светоста, извору на силата, извору на животот – осветли нè нас и стопли нè со љубов кон Тебе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

20 ОКТОМВРИ

1. Св. вмч. Артемиј. Овој славен светител бил роден во Египет и бил прв војвода на царот Константин Велики. Кога на царот Константин му се јавил победоносниот крст, опкружен со ѕвезди, и Артемиј го видел тој крст, поверувал во Христа Господа и се крстил. Подоцна, во времето на царот Констанциј, бил испратен во Елада за да ги пренесе моштите на св. Андреј од Патрас и св. Лука од Тива во Цариград. Тоа војводата со радост го извршил. Потоа Артемиј бил поставен за управител и царски намесник во Египет, во која положба бил и за време на Констанциј, синот Константинов, а извесно време и на царот Јулијан Отстапник. Кога овој богоотстапен цар тргнал во војна со Персијанците, застанал во Антиохија и наредил и Артемиј со својата војска да дојде таму. Артемиј дошол. Тогаш царот фатил да измачува двајца христијански свештеници, Евгениј и Макариј. Кога го видел тоа, св. Артемиј се побунил од со сето срце,

излегол пред царот и му рекол: „Зошто, цару, така нечовечки ги мачиш невините и на Бога посветени мажи и зошто ги присилуваш да се откажат од православната вера?“ Уште, Артемиј му прорекол на царот: „Твојата погибел е близу“. Разлутениот цар ги испратил двајцата чесни свештеници во прогонство во Арабија, каде што набрзо починале, а на војводата Артемиј му го одзел војничкиот чин и наредил да го камшикуваат и да го тепаат. Сиот ранет и искрвавен, го фрлиле во затвор каде што Господ Христос му се јавил, го исцелил и го утешил. Потоа царот наредил, па го спружиле на еден камен, а со друг тежок камен го притиснале, па телото на св. Артемиј се здробило и се сплескало како штица. Најпосле му ја пресекле главата во 362 година. Царот Јулијан ги нападнал Персијците и срамно загинал како што св. Артемиј му прорекол.

2. Св. праведен Артемиј. Роден е во 1532 година, син на руски селски родители Козма и Аполинарија, од селото Веркол, Двински округ. Уште од петата година се разликувал од другите деца со необична побожност и кроткост. Кога имал 13 години, минувал со својот татко преку некоја голема шума. Од силната бура и од невремето, Артемиј умрел во шумата и неговиот натажен татко, не можејќи да му ископа гроб, го покрил неговото тело со гранки и си заминал. По 28 години некој човек видел во таа шума необична светлина, ѝ се приближил и го нашол телото на Артемиј нераспаднато и неизгниено. Многу болни биле исцелени од болест штом ќе се допреле до телото на св. Артемиј. Неговите свети мошти почиваат во еден манастир во близина на Пинега во Архангеловската губернија.

3. Преп. Герасим Нов. Од Трикала на Пелопонез, од славното семејство Нотарас. Роден е во 1509 година. Се подвизувал на Атон, потоа во Палестина, каде што постел 40 дена. Потоа се населил на островот Кефалонија и основал еден женски манастир. Со молитва издејствувал дожд, лекувал болни и претскажувал иднина. Се упокоил во Господа на 15 август 1579 година. Бил чудотворец за време на животот и по смртта.

4. Преп. новомач. Игнатиј. Од Ески–Загора во Бугарија, од онаа славна Загора која на црквата Божја ѝ дала многу свети подвижници и маченици. Се подвизувал во скитот на св. Јован Претеча, на Атон. Доброволно им се предал на Турците на мачење за Христа. Бил обесен во Цариград на

8 октомври 1814 година. Неговите мошти биле чудотворни. Главата чесно му се чува во манастирот „Св. Пантелејмон“

РАСУДУВАЊЕ

Прекрасно ги раководи милосрдниот Бог оние кои ќе се предадат на Неговата света волја и на Негово старателство. Како што свеќарот од мек восок прави онакви свеќи какви што тој сака, така и премудриот Бог прави од Своите верни слуги, прави бесмртни светила во небесното царство. Св. Игнатиј новомаченик бил предаден на Бога уште како дете и чезнел да биде монах и да биде маченик за верата. Во време на востанието на Караѓорѓе, Турците собирале војска по Бугарија против Србите, па дошле во куќата на Ѓорѓи, таткото на Игнатиј, да видат дали има некој за војска. Кога го виделе Ѓорѓи, развиен и силен маж, сакале да го земат за војска. Но Ѓорѓи решително им рекол: „ас не можам да одам против моите истоверни христијани“ Разлутените Турци веднаш на место го убиле. Младиот Игнатиј се скрил во соседната куќа, потоа пребегнал во Романија, но желбата за монаштво го одвела во Св. Гора. Кога посакал нешто повеќе од монаштвото, посакал мачеништво. Молејќи се со солзи, една ноќ пред иконата на Пресвета Богородица таа да му го овозможи патот кон мачеништвото, се слушнал некој шум пред него и видел како од иконата се одделил светол венец и дошол над неговата глава. Наскоро потоа тој маченички пострадал од Турците и примил венец на вечна слава.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното јавување на Господа на апостолот Ананија и на Савле (Д.а., 9), и тоа:

1. како Господ му се јавил на Ананија и го упатил кај Савлета во правиот пат;

2. како Савле во истиот тој час во визија го видел Ананија каде што ги ставил рацете на него за да прогледа.

БЕСЕДА
за старите и за новите
приказни за Божјите чуда

Боже, со ушите наши чувме, а татковците наши ни раскажуваа за делото што си го направил во нивните дни, во деновите древни (Пс. 43:1).

Така зборува царот Давид од името на својот народ. И царот набројува неколку дела Божји што Бог ги направил за израилскиот народ. За сите тие Божји дела и ние чувме, браќа, од ***Светото писмо***, и уште за колку и уште за какви за кои Давид не знаел, бидејќи се случиле после него! Згора на она што Давид го слушнал, зар не слушнавме неспоредливо почудни и поголеми дела на Божјата промисла и на Божјото човекољубие? Синот Божји се овоплотил од Пречистата Дева и поживеал како човек помеѓу луѓето, ја излеал мудроста, направил чуда, ја умртвил смртта, ѓаволот го посрамил, им дал сила на Своите следбеници. Тоа не го слушнал Давид, а ние го чувме, бидејќи тоа ни го јавиле духовните отци: апостолите и евангелистите, мачениците и праведниците и сите со ред светители од она време, од древни денови до денешниот ден. И не само што ни јавиле тие, туку секој ден Духот Божји ни јавува преку светата Црква, преку благодатните тајни, преку безбројните чуда. Еве ни причина за поголема радост, но и за поголем страв. Зашто многу ни е дадено, па многу од нас и ќе се бара. Дадено ни е повеќе духовно богатство отколку на сите кои живееле пред Христа; повеќе мудрост и знаење, повеќе слава Божја и сила, и повеќе, многу повеќе примери на Божја љубов кон човекот и човечка љубов кон Бога. Прашајте се, о богаташи над богаташите, што сте дале за сето тоа и што Му давате на Бога? Потрудете се да не се посрамите на Судот Божји. Како сон се извлекуваат и ќе изминат наскоро сите ваши денови на земјата. И наскоро гласот на ангелската труба ќе ги повика сите народи и сите луѓе на Страшниот Суд Божји. Потрудете се да не се посрамите бидејќи не ќе можете да речете: „Не знаевме или немавме!“ Знаете и имате повеќе откровенија отколку што имале Давид и Соломон. И повеќе ќе се бара од нас отколку од нив.

О Сине Божји, Велик и Чуден Господи Боже и Спасителу наш, опоменувај нѐ секој ден и секој час на Твојата света крв пролиена за нас. Да не заборавиме Господи, и вечно да се осудиме. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

21 ОКТОМВРИ

1. Преп. Иларион Велики. Како што ружата расте на трње, така и овој голем светител се родил од безбожни родители во селото Тавати близу до Газа Палестинска. Родителите го дале на учење во Александрија, каде што надареното момче брзо примило световна и духовна мудрост. Запознавајќи го Христа Господа и крштавајќи се, посакал целосно да се предаде на служба на Господа. Со таа желба во срцето, Иларион го посетил св. Антониј во пустината и постанал негов ученик. Потоа се вратил и се подвизувал во близината на Мајум кај Газа. Демоните го плашеле со разни плашила, но тој со молитва кон Господа и со крстниот знак секогаш ги победувал и ги изгонувал. Околу него се собрале многу љубители на духовниот живот и св. Иларион постанал за Палестина тоа што св. Антониј бил за Египет. Божествен учител, цврст подвижник, прекрасен чудотворец, Иларион бил уважуван не само од христијаните, туку и од незнабожците. Но се плашел од човечките пофалби и говорел низ солзи: „Тешко мене, ја примив на земјата својата награда!" Тој бегал од место на место само за да се скрие од луѓето и да остане сам со својата душа и со Господа. Така се населил и извесно време живеел во Египет, на Сицилија, во Далмација и најпосле на Кипар каде што го завршил својот многустрадален живот околу 372 година, во 80. година од својот живот. Чудотворните мошти на св. Иларион ги пренесол во Палестина неговиот ученик Исихиј и ги положил во манастирот од него основан.

2. Св. Иларион епископ Мегленски. Роден од родители познати и побожни. Неговата бездетна мајка долго Му се молела на Бога да ѝ даде едно дете, и по нејзините молитви ѝ се јавила Пресвета Богородица и ја утешила со зборовите: „Не тагувај, ќе родиш син и тој ќе обрати многумина кон светлината на вистината". Кога Иларион имал три години, од неговата уста непрестајно се слушала песната: „Свјат, Свјат, Свјат Господ Саваот!" Добро образуван се замона-

шил на 18 години и основал манастир со типик на св. Пахомиј. Во 1134 година Трновскиот архиепископ Евстатиј го ракоположил за епископ Мегленски. Целиот свој живот св. Иларион водел борба против богомилите и ерменските еретици. Но со својата ученост, духовна и световна, и со неспоредливата светост ги посрамил сите и многу од нив ги привел кон православието. Мирно се упокоил и се преселил во царството на својот Господ во 1164 година.

3. Преп. Филотеј. Роден е во Христопол во Македонија. Турците го грабнале од неговата мајка вдовица и заедно со неговиот брат ги затвориле. Од затворот на чуден начин ги спасила Пресвета Богородица и ги пренесла во еден манастир во Неаполис, Мала Азија. Неговата мајка подоцна ги нашла своите синови како монаси, па и самата се замонашила. Филотеј преминал во Св. Гора, каде што се подвизувал прво во манастирот „Дионисијат", а потоа во пустина. Чуден подвижник и голем победник на демонските сили. Мирно се упокоил во 84. година од својот живот. Наредил да не го закопуваат, туку телото да му го фрлат во шумата на птиците и на ѕверовите. Подоцна еден рибар во ноќта видел голема светлина во шумата и изземнат, отишол да се стопли, мислејќи дека тоа е оган. Но светлината не била од оган, туку од чудотворните мошти на св. Филотеј.

РАСУДУВАЊЕ

Окото Божјо, кое сѐ гледа, бдее над сите луѓе и на чуден начин ги раководи верниците кон спасението. Она што на верникот ќе му се причини прво како голема загуба, со текот на времето ќе се покаже како голема добивка. Случајот на св. Филотеј и на неговиот брат, кои за нивната мајка биле како изгубени, е сличен на случајот на св. Ксенофонт (26 јануари) и сличен е на случајот на св. Евстатиј Плакид, неговата жена и неговите синови. Кога св. Филотеј со неговиот брат седеле во турските зандани во Македонија, им се јавила Пресвета Богородица во ликот на нивната мајка и им рекла: „Станете деца мои драги и тргнете со мене!" И одеднаш момчињата се нашле во еден манастир во градот Неапол во Мала Азија. Кога момчињата му раскажале на игуменот што им се случило, тој сфатил дека тоа е од Бога, ги примил момчињата и ги замонашил. Поминало долго време од тој настан. Нивната мајка ги жалела и ги прежали-

ла. Најпосле се решила да оди во некој женски манастир и да Му се посвети на Бога. И Божјата промисла ја довела во близина на манастирот во кој биле нејзините синови. Еднаш, на славата на манастирот, таа дошла со други монахињи. Во црквата таа ги видела своите синови, но не ги познала. Во тоа време едниот од браќата му се обратил на другиот на неговото световно име. Мајката се присетила за тоа мило име и внимателно се загледала во нивните лица. Таа ги познала нив а тие ја познале својата мајка. Радоста им била голема и Му оддале благодарност на срдечниот Бог. Христијанинот кој верува и при најголемата загуба не треба да очајува.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцелување на слепиот Савле од Ананија (Дела, 9), и тоа:

1. како Ананија ги положил рацете на Савле споменувајќи го името на Господа Исуса;

2. како од Савлевите очи отпаднале како лушпи и тој прогледал, се прекрстил и постанал Павле.

БЕСЕДА
за боговдахновеното срце и јазик

Од срцето мое се излива благ збор; јазикот ми е како трска на брзописец (Пс. 44;1).

Еве надахнување од Духот Божји! Пророкот сака да зборува за Христа Господа и срцето му е исполнето со сила и со мудрост. Затоа тој не вели: „Ќе рече или ќе искаже моето срце добар збор, туку ќе го истргне како да истргнува дел од своето сопствено срце". Како млаз вода од преполн извор надојдената вода се стеснува во подземната тежина и кога ќе стаса на отворот од изворот, избива во големи млазови. Така е и срцето на пророкот кога сака да зборува за Христос. Таква е силата на благодатта стесната во човечкото срце. Ако не се пројави во мачни зборови или ако не се пројави во чудотворни дела, тогаш таа во човекот ќе свети и ќе прави чуда. А кога ќе излезе во зборови, јазикот на проро-

кот постанува како трска и како перо на брзописец. Зашто овде човекот не се мачи да состави мисла ниту се мачи да произнесе мисла во облеката на зборот, туку благодатта сама навира на јазикот со готови мисли и со зборови. Од каде таква сила во човекот? Од Бога, Светиот Дух. Зошто толкава сила? Затоа што пророкот сака да Му говори на Царот за самиот Цар. *Му зборувам на Царот за делата мои.* Делата и зборот овде се изедначуваат, како што тоа често се случува во ***Светото писмо***. Каде што говори Духот, таму и делува; и каде што делува, таму и говори. Најсилно се говори низ дела. Пророкот зема од Христа Царот и Му дава на Христа Царот. Тој зборува со воодушевување на љубов кон Спасителот на светот; говори од срце исполнето со воодушевување и со божествена љубов. Од далечни времиња тој го гледа овоплотениот Син Божји и срцето му игра од радост како на измачен патник во ноќта кога ќе ја здогледа убавата зора на исток!

О Господи Боже, Духу Свети, не скратувај ни ја и на нас Твојата света и силна благодат, за да можеме да се очистиме од гревовите и да се удостоиме во царството Христово. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

22 ОКТОМВРИ

1. Св. Аверкиј рамноапостолен. Во времето на царот Антонин, св. Аверкиј бил епископ во градот Ерапол Фригиски. Во тој град имало голем број незнабожци, а св. Аверкиј управувал со своето малубројно стадо, тагувајќи заради големиот број незнабожци, идолопоклоници и молејќи се умилно на Бога да ги обрати кон светлината на вистината. За време на едно помпезно идолско празнување, Аверкиј се разгневил со Божја ревност, влегол во идолскиот храм и ги испокршил сите идоли. Кога разлутените незнабожци сакале да го убијат, во тој момент кон Божјиот човек притрчале три бесни момчиња, фрлајќи пена и развикувајќи, и Божјиот човек ги избркал од нив демоните, а момчињата постанале здрави и мирни. Кога го виделе тоа незнабожците, својот гнев го претвориле во восхитување на Христовиот чудотворец и веднаш 500 од нив примиле крштавање. Малку по малку и целиот град Ерапол поверувал во Христа и се крстил. Началникот на областа, Публиј, имал слепа мајка.

Аверкиј со молитва ѝ го повратил видот, та поверувале во Христа и Публиј неговата мајка и многу други луѓе. Во старoста Аверкиј се прочул и во Рим каде што ја исцелил безумната царска ќерка. Неколку пати Господ Исус Христос му се јавувал на Својот верен следбеник. Луѓе од блиску и од далеку доаѓале кај него за чудотворна помош при неизлечивите маки. Демоните не само што му се плашеле, туку и по негова заповед му служеле. Според упатството на самиот Господ, го проповедал ***Евангелието*** и по Сирија и по Месопотамија. Во длабока старост Му се претставил на својот љубен Господ во градот Ерапол, кон крајот на II век.

2. Преп. Лот. Голем египетски подвижник. Современик на Арсениј Велики и на Агатон. Се подвизувал во манастир близу до едно езеро крај градот Арсиној и многу ги упатувал браќата на патот на спасението. Негов близок другар и советник му бил ава Јосиф. Еднаш Лот му рекол на Јосиф: „Аво, јас постам колку што можам, држам молитва и безмолвие, и созерцавам и уште според силата се чувам од нечисти мисли. Што уште да направам?“ Тогаш старецот станал, ги кренал рацете кон небото и десетте негови прсти засветиле како десет запалени свеќи, па му одговорил на Лот: „Ако го сакаш тоа, биди сиот оган!“ Откако Му угодил на Бога и откако упатил многумина на патот на спасението, св. Лот се упокоил мирно во V век.

3. Спомен на чудотворното избавување на Москва од Литванците со помош на Пресвета Богородица. За време на кнезот Василиј Јованович, Литванците ја зазеле Москва и Русите биле во големо очајување. Тогаш св. Сергиј Радонежски му се јавил на некој заробен епископ Арсениј и му ветил дека утрешниот ден Москва ќе биде очистена од Литванците со силата и со молитвата на Света Пречиста. И навистина утредента Литванците побегнале од градот, а руската војска навлегла во Москва. Целиот народ со солзи на радост Го прославиле Бога и Пресвета Богородица.

РАСУДУВАЊЕ

Колку што е за чудење строгоста на светите луѓе кон себе, исто толку е за чудење нивното милосрдие кон другите. Св. Иларион Велики, немајќи со што да плати превоз до Сицилија, на господарот на бродот му го понудил своето ***Евангелие***, кое тој додека бил млад го напишал со своја ра-

ка. Кога, пак, исцелил некој кнез од нечист дух, кнезот сакал да му подари десет килограми злато. Светителот не го примил златото, туку му го покажал на кнезот лебот од јачмен и му рекол: „Оние кои се хранат со ваков леб на златото гледаат како на кал!" А кога луѓето го молеле со молитва да им испроси дожд од Бога или да ги спаси од потоп, или да ги избави од отровна змија, св. Иларион на тоа одговарал и на луѓето со молитва им помагал. Така постапувал и св. Аверкиј. Кога видел многу народ во маки и во болести, тој клекнал на едно место и се помолил на Бога, да отвори топла и лековита вода како би можеле сите болни да се лекуваат и да Го прославуваат Бога. И Бог со Својата сила на тоа место отворил извор на топла вода. А кога ја излекувал царевата ќерка од лудило, царот му понудил многу злато, сребро и други дарови. Св. Аверкиј му рекол на царот: „Не е потребно богатство на оној кој лебот и водата ги смета за царски ручек". Не барајќи за себе ништо, Аверкиј го замолил царот да направи две милости на неговата паства во Ерапол, имено: да изгради бања над онаа лековита вода и секоја година да дава доволна количина пченица на сиромашните граѓани на Ерапол. Царот се согласил и му ја исполнил молбата на светителот.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцелување на Енеј во Лид (Дела, 9), и тоа:

1. како Енеј лежел фатен осум години;
2. како апостол Петар го исцелил со името на Господа Исуса Христа;
3. како Енеј станал здрав.

БЕСЕДА
за убавината Христова над секаква убавина

Ти си најпрекрасниот меѓу синовите човечки (Пс. 44:2).

Светото писмо не ѝ придава особена важност на телесната убавина, како и воопшто на ништо што е мин-

ливо. Затоа секој читател на ***Све̄то̄о ӣисмо*** да биде доволно внимателен и мудар за да знае пофалбата на телесната убавина да ја примени на духот и на духовните вредности. Несомнено е дека духовната убавина му дава некоја чудна привлечност на најнеубавото тело како што повторно грозната душа го прави одвратно и најстројното тело. Пророкот Давид кога изустил добар збор, Му рекол на својот Цар, Христос Господ: *Ти си најӣрекрасниоӣ меѓу човечкиӣе синови.* Господ сам на себе си направил телесна наметка каква што сакал. Да сакал да се јави во светот како телесно најубав човек помеѓу сите синови човечки, Он тоа можел да го направи. Но ние немаме во ***Еванѓелиеӣо*** ни спомен за тоа дека Он со Своето тело ги привлекувал луѓето кон Себе и со телесната убавина дека влијаел на луѓето. Самиот Он рекол: *Телоӣо ништо не ӣомаѓа* (Јн. 6,63). Јасно е дека Давид не зборува за телесната убавина на Царот Христос, туку за духовната, за Неговата божествената убавина. Тоа, всушност, се гледа веднаш од понатамошните зборови на псалмопевецот: *Блаѓодаӣ се излива од Твојаӣа усӣа.* Ненадминливата убавина на Синот Божји не е во кројот и во формата на Неговата уста, туку во надојдената благодат што Му се излева од устата. „Нема во Него ни изглед ниту величие; ние Го видовме", говори повторно пророкот Исаија за Христа (Иса. 53:1–2). Како се сложува Исија со Давида? Сосема добро: Давид зборува за Христовата внатрешна убавина, а Исаија за Христовата надворешна понижувачка положба. Не Го видовме како цар или богаташ, сака да каже Исаија, туку Го видовме како слуга и паталец.

О Господи Исусе Христе, поубав си ни Ти од сите луѓе и од сите ангели, слава на Твојата бесмртна и неменлива убавина. Исправи ја, Господи благ, исправи ја грозотијата на нашите души накажани со гревот, Ти се молиме. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

23 ОКТОМВРИ

1. Св. ап. Јаков брат Господов. Се нарекува брат Господов затоа што му бил син на праведниот Јосиф, свршеникот на Пресвета Богородица. Кога праведниот Јосиф бил пред смрт, тој го разделил својот имот на своите синови, па сакал да Му остави еден дел и на Господа Исуса, си-

нот на Пресвета Дева Марија, но сите браќа, на тоа се спротивставиле, не сметајќи го Исуса за свој брат. Јаков многу го љубел Исуса и изјавил дека тој ќе го земе на својот дел и затоа тој се нарекува брат Господов. Јаков од почетокот Му бил приврзан на Господа Исуса. Според преданието, тој и во Египет отишол со Пресветата Дева и со Јосиф тогаш кога Ирод го барал да го убие новороденото Цар. Штом ја слушнал Христовата наука, св. Јаков почнал по неа да живее. За него се вели дека целиот живот не јадел ни маст ниту масло, туку живеел само од леб и од вода. И бил девственик до крајот на својот живот. Многу бдеел ноќе и се молел на Бога. Господ го вброил во Своите седумдесет апостоли. По Своето воскресение, Господ Исус нему му се јавил посебно, како што сведочи св. ап. Павле (I Кор. 15). Бил епископ во Ерусалим 30 години и ревносно управувал со Црквата Божја. По укажување на Господа, ја составил првата литургија, која била премногу долга за подоцнежните христијани, па св. Василиј Велики и св. Јован Златоуст морале да ја скратуваат. Обратил многу Евреи и Елини во Христовата вера. И самите неверни Евреи се чуделе на неговата праведност и го нарекле Јаков Праведникот. Но кога дошол за првосвештеник Анан, тој со другите еврејски старешини намислил да го убие Јакова како Христов проповедник. Еднаш, на празникот Пасха, кога се собрало многу народ во Ерусалим, старешините му рекле да се искачи на покривот на храмот и да говори против Христа. Св. Јаков се искачил и почнал да му говори на народот за Христа како Син Божји и како вистински Месија, за Неговото воскресение и за Неговата вечна слава на небесата. Разлутените свештеници и старешини го турнале од покривот и тој паѓајќи многу се повредил, но сепак бил жив. Тогаш некој човек притрчал и го удрил по главата толку силно што мозокот му истекол од главата. И така завршил со маченичка смрт овој преславен Христов апостол и се преселил во царството на својот Господ. Јаков имал 63 години кога пострадал за својот Господ.

2. Св. Игнатиј патријарх Цариградски. Син на царот Михаил Рангава. Дошол за патријарх по св. Методиј во 846 година. Бил симнат од престолот во 858 година и бил испратен во прогонство. На негово место застанал патријархот Фотиј, првиот царски секретар. Но кога на престолот дошол царот Василиј Македонецот, тој повторно го вратил Игнатиј на патријаршискиот престол. И св. Игнатиј управувал со Црквата со голема ревност и со мудрост. Соѕидал ма-

настир на св. Архангел каде што се упокоил во Господа во 89 година од животот на земјата.

3. Св. мч. Јаков Боровицки. За овој светител се знае само онолку колку што тој им открил по својата смрт во визија на луѓето од местото Боровиц. Неговото тело еден ден допливало по реката Мета пред Боровиц во 1540 година и овде застанало. Од неговите мошти се пројавиле многу чуда.

РАСУДУВАЊЕ

Од Бога е благодатта, а од нас е трудот. Никој да не помислува дека светите апостоли се потпирале единствено на од Бога дадената благодат и дека им било лесно, и дека без труд ја извршувале својата работа во светот. Зар не вели св. апостол Павле: *Туку го истоштувам и го поробувам телото, да не би ненамерно, проповедајќи им на другите и сам да станам негоден* (I Кор. 9:27). И уште на друго место не вели ли дека животот го поминувал *во труд и мака, во често неспиење, во глад и жед, во многу постење, на студ и голотија* (II Кор. 11:27)? Св. апостол Јаков се хранел само со леб, спиел многу малку и ноќите ги поминувал во молитва. Толку многу клечел на молитва што кожата на колената му отврднала како кожа на колена од камила. Овој брат Господов се молел со плач и со воздишки не само за црквата со која управувал, туку за сиот свет. И кога од злобните Евреи бил турнат од покривот на храмот, така што целиот се испокршил, светиот апостол не ја заборавил ни за момент должноста кон Бога и кон луѓето. Прибирајќи ги последните сили, тој станал на колена, ги испружил своите раце кон небото и се помолил на Бога искрено говорејќи: *Опрости им го Господи овој грев, зашто не знаат што прават.* Додека тој така се молел, злобните луѓе го удирале со камења од сите страни. Кога некој од синовите на Рихав го видел тоа, извикал: *Престанете! Што правите? Праведникот се моли за вас на Бога, а вие го убивате*? Но тој повик на една болезлива душа не можел да ги задржи крвниците навикнати на злосторство за да не го убијат Божјиот светител. Апостолите не се потпирале само на благодатта, туку и при големата благодат вложувале скоро натчовечки труд за да се покажат достојни за Божјата благодат.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното воскреснување на Тавита (Д.а., 9), и тоа:

1. како Тавита била умрена и лежела мртва на одарот;

2. како апостолот Петар се помолил на Бога за неа и ѝ рекол: *Тавишо сшани*!;

3. како Тавита оживеала и станала.

БЕСЕДА
за убавината на царската ќерка

Сеша убавина на царскаша ќерка е внашре (Пс. 44:13).

Црквата Божја е ќерка на Царот. Колку и да е однадвор сиромашна и неугледна за телесното око, и гонета, и понижена, таа однатре е исполнета со царски сјај и убавина. Царот ја прави убавината на Царската Ќерка, Оној кој е *прекрасен во убавинаша над синовише човечки*. Црквата Божја е како облека Христова; Христос живее во неа. Никаква надворешна убавина не може да се мери со внатрешната убавина, т.е. со убавината Христова.

Пресвета Богородица е Ќерка Царева. Со златни алишта е облечена и навезена. Тоа се добродетелите на нејзината душа. А дека под алишта се подразбираат добродетелите јасно е од приказната за бракот на Царскиот син. Човекот кој не бил облечен во свадбено облекло бил избркан од трпезата на царот и бил казнет (Мт. 22:11). Вистинската вера во Бога, тоа била златната облека на Пресветата Дева, а невиноста, кроткоста, милосрдноста, светоста, молитвеноста и преданоста на волјата Божја и сите останати добродетели биле како везови на таа златна облека. Но целата нејзина убавина ја прави Христос Господ скриен во неа и роден од неа.

И душата на секој верен христијанин е како царева ќерка. Сета убавина на таа душа е во Христа и од Христа, Кој е внатре во душата. Душата, пак, без Христа, Сонцето на правдата, е во мрак, без лик и без убавина како што би

била целата вселена без форма и без убавина без материјалното Сонце.

О Господи, голем и благ, Боже наш вистински и Промислителу наш човекољубив, помогни ни да се облечеме во облека на добродетели за да не се најдеме голи на Твојот Страшен Суд. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

24 ОКТОМВРИ

1. Св. мч. Арета. Овој свет маченик пострадал за Христовата вера уште со 4000 христијани: свештеници, монаси, монахињи, граѓани, жени и деца. Арета бил градоначалник на градот Негран во Омиритската земја (јужна Арабија) и имал 95 години кога пострадал. Со Омиритската земја тогаш владеел некој Евреин, Дунаан, страшен гонител на христијаните. Решен потполно да ги истреби христијаните од својата земја, тој го опколил христијанскиот град Негран и прво им порачал на граѓаните дека, ако не се одречат од Христа, тој сите со смрт ќе ги казни. Граѓаните ги затвориле градските порти, па Дунаан долго и безуспешно напаѓал на градските ѕидини. Тогаш беззакониот кнез им се заколнал на граѓаните дека нема ништо да им направи, само да му ги отворат градските порти да влезе и да го собере данокот што му го должат, па потоа веднаш ќе се оддалечи. Христијаните поверувале и ги отвориле портите. Тогаш кривоклетиот Евреин го повикал кај себе старецот Арета со сите клирици и со други угледни граѓани и сите ги исекол со меч. Потоа извршил страшно колење по градот. Кога слушнал за тоа византискиот цар Јустин, многу се растажил и му напишал писмо на етиопскиот цар Елезвој со војската да го нападне Дунаан и да ја одмазди невината христијанска крв. Елезвој го послушал Јустина, го нападнал Омиритскиот кнез, го победил, сета војска му ја испотепал, а него со мечот го заклал. На местото на омиритскиот кнез, по Божјо откровение, бил поставен некој побожен човек Аврамиј, а за Омиритски архиепископ, пак по Божјо откровение, св. Григориј (види, 19 декеврми). Христијаните во Негран го обновиле храмот на св. Троица, којшто Дунаан го изгорел и изградиле храм на св. мч. Арета и на сите негрански маченици. Пострадале и примиле маченички венец од Господа во 523 година.

2. Св. Елезвој цар етиопски. Разгорен со ревност за верата Христова, овој благочестив цар ја кренал својата војска против Дунаан, опакиот маѓчител на христијаните во Омиритската земја. Во почетокот на војната немал успех и многу негови војници пропаднале во безводната пустина. Тогаш тој горко заплакал пред Бога и ветил дека ќе се замонаши, ако Бог му помогне да го победи христијанскиот крвник. Кога го победил Дунаан, Елезвој се вратил во Етиопија, веднаш го напуштил царскиот дворец и стапил во манастир каде што се подвизувал строго како вистински монах полни 15 години. Бог му подарил дар на чудотворство пред и по смртта. Се упокоил во 555 година.

3. 'На сите тажни радост". Така се викала една чудотворна икона на Пресвета Богородица. Се празнувала посебно по повод чудното исцелување на Ефимија, сестрата на патријархот Јоаким, во 1688 година во Москва. Ефимија имала тешка рана на колкот, па како лекарите безуспешно ја лекувале, таа со плач паднала да се моли на Пресвета Богородица. И слушнала глас: „Ефимијо, појди во храмот „Преображение" на мојот Син; таму е иконата *На сите тажни радост*; свештеникот нека се помоли пред таа икона и ти ќе оздравиш". Ефимија направила така и веднаш потполно оздравела.

4. Преп. Арета Печерски. Се претставил во 1190 година. [20])

РАСУДУВАЊЕ

Кога свештено лице извршува беззаконие, него го постигнува многу потешка казна отколку кога такво беззаконие извршува обичен мирјанин, кој е помалку упатен во тајните на волјата Божја. Св. Арета бил монах во Печерски-

---

[20]) Во грчкиот *Синаксар* уште се споменува и св. мч-ка Севастијана, ученичка на апостол Павле, која пострадала во времето на царот Дометијан, во 82 година. Била мачена прво во градот Маркијанополис, каде што ѝ се јавил апостол Павле и рекол: „Радувај се и не тагувај зашто одовде ќе одиш во својот град да ја исповедаш верата во Христа!" И навистина судијата ја испратил во нејзиното родно место, Ираклија, каде што била мачена и најпосле убиена. Нејзините мошти врзани во вреќа биле фрлени во морето. Но ангел Божји ги извадил во местото Рисистон, каде што ги примила некоја жена Амија и чесно ги погребала. Нејзините мошти ѝ биле мироточиви и исцелитени.

от манастир и бил многу среброљубив. Во неговата келија имал натрупано богатство од кое на никого не му давал ниту една лепта. Еднаш, се разболел многу тешко и видел како на јаве како ѓаволите ја растргааат неговата душа од ангелот, викајќи: „наш е, наш е“, наведувајќи го доказот дека Арета е среброљубив и е скржавец. Кога се повратил од болеста, Арета го поправил својот живот и оттогаш сето земно богатство го сметал за ништо. Човекољубивиот Бог му опростил и подоцна му дал голема благодат. Некој, пак, монах од манастирот каде што починал блажениот цар Елезвој се навикнал почесто да оди во кафеана, таму да се опива, па дури и беззаконие да прави со жените. Еден ден, кога се враќал оттаму, го нападнала страшна змија и постојано го гонела. Во големата мака и тешкотија, монахот извикнал: „Те заколнувам во светиот и праведниот Елезвој, тргни се од мене!“ И змијата одеднаш застанала. Монахот слушнал како човечки глас од змијата: „Ангел Божји ми нареди да те изедам заради твојата нечистотија и скверност, бидејќи си дал завет дека ќе Му служиш на Господа во чистота, а сега го валкаш своето тело и го гневиш Светиот Дух“. И монахот се заколнал дека никогаш повеќе нема да греши, се вратил во манастирот и сè до смртта повеќе не згрешил. Така Бог го укорил и го помилувал по молитвите на св. цар Елезвој.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната посета од ангелот Божји на капетанот Корнилиј (Дела, 10), и тоа:

1. како денски и најаве Корнилиј го видел ангелот Божји кој го повикал по име;

2. како се исплашил Корнилиј и одговорил: *Што е Господи*?;

3. како ангелот го научил да испрати во Јафа по апостолот Петар кој ќе му каже зборови на спасение.

БЕСЕДА
за јавното доаѓање на Бога

Иде нашиот Бог, и ќе прозбори
(Пс. 49:3).

Поинаков е позивот војвода од позивот судија. Војводата пред непријателот не се јавува веднаш, туку го остава непријателот да суди за него како што сака, зашто за војводата е главно да победи. Судијата, пак, се јавува веднаш на оние на кои треба да им суди. Поинаков е позивот учител од позивот судија. Главно за учителот е да ги научи своите воспитаници, затоа тој честопати се симнува на степенот на своите воспитаници и им зборува како нивни другар. Судијата, пак, од почетокот до крајот мора да биде објавен на судените како судија и ништо друго. Поинаков е и позивот лекар од позивот судија; и разликата помеѓу тие два позива така може да се воочи како и во првите два случаја. Бог, браќа, му се јавил на светот во човечко тело; се јавил како војвода, како учител, како лекар. Но сѐ уште не се јавил како судија. Во првиот случај Он премолчел да го изрече јавно Своето највозвишено достоинство, туку им оставил на непријателите, воспитаниците и болните да судат за Него како што знаат. Кој имал здрав суд, тој можел да Го познае како Бог, скриен во тело, и по зборовите, и по делата, и по човекољубието, и по небесните знаци при Неговото раѓање, при распнувањето, при воскресението и при вознесението. На кого, пак, умот му бил помрачен со некаква злобна страст, тој не можел да Го познае ниту да го признае за Бог. Но кога Он ќе дојде како Судија, тогаш никој повеќе нема да Го прашува: *Ти ли Си*?, ниту: *Кој си Ти*?, туку сите во моментот ќе знаат дека тоа е навистина Он. Ангелите ќе трубат пред Него; на небесата ќе блеска Неговиот крст, пред него оган ќе се разгори, а околу Него ќе се гледа голема бура. Тогаш и верниот и неверниот, и праведниот и неправедниот ќе погледнат и ќе Го познаат Судијата. Тогаш ќе се радуваат само оние кои го препознале како Бог во пештерата и на крстот. Тие навистина ќе се радуваат, бидејќи во Судијата ќе Го познаат Оној со кого војувале, од кого научиле и со кого ќе се излекуваат.

О Спасителу преславен, помилуј нѐ и исправи нѐ пред Твоето второ доаѓање. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

25 ОКТОМВРИ

1. Св. мч-ци Маркијан и Мартириј. Овие Божји светители биле клирици при Цариградскиот патријарх Павле, во времето на царот Констанциј. По смртта на големиот цар Константин, Ариевата ерес, што дотогаш била придушена, пак оживеала и започнала да зема сила. И самиот цар Констанциј бил наклонет кон таа ерес. На царскиот дворец имало двајца големци Евсевиј и Филип, и двајцата огнени Ариевци. Со нивното влијание Павле бил симнат од престолот и бил протеран во Ерменија, каде што Ариевците го удавиле. Патријаршискиот престол го зазел злочестивиот Македониј. Во тоа време, кога Православието требало да води две лути борби, против незнабожците и против еретиците, Маркијан и Мартириј со сета сила и решителност се заложиле за православието. Маркијан бил чтец, а Мартириј ипоѓакон при соборната црква и под управа на патријархот Павле биле патријаршиски нотари (писари). Ариевците прво пробале да ги поткупат, но кога овие свети мажи со презир одбиле, биле осудени на смрт. Кога ги извеле на губилиштето, тие ги воздигнале рацете и се помолиле на Бога, благодарејќи Му за маченичкиот крај на својот живот: „Господи, се радуваме што со ваква смрт излегуваме од овој живот. Удостој нè да бидеме причесници на вечниот живот, Ти, наш животе!" Тогаш ги навалиле своите глави под мечот и биле погубени во 355 година. На нивните чудотворни мошти, подоцна, црква подигнал во нивно име св. Јован Златоуст.

2. Св. мч. Анастасиј. Бил кормилар на брод и ревносен христијанин. Во времето на Диоклецијановото гонење на христијаните, овој Божји човек самиот му се јавил на судијата–мачител во далматинскиот град Солин и ја исповедал својата вера во Христа. Нечовечки бил мачен и убиен. Телото му го фрлиле во морето, но потоа било извадено и чесно погребено.

3. Св. Тавита. Тавита (што значи ***срна***) била ученичка на апостолите и живеела во Јопија, сегашна Јафа. Таа била *исполнета со милостина и добри дела, што ги правела* (Д.а. 9:36). Од ненадеж снеможела и умрела. Во тоа време апостол Петар бил во градот Лид. Натажените ученици ис-

пратиле по Петар да дојде и да ги утеши роднините. Кога дошол големиот апостол Христов, им наредил на сите да излезат од собата каде што лежела покојната, па клекнал на молитва. Кога ја завршил молитвата, му викнал на мртвото тело: „Тавито, стани!“ И Тавита ги отворила очите и станала. Заради ова прекрасно чудо, многумина поверувале во Христа Господа.

РАСУДУВАЊЕ

Покрај другите таинствени забележувања во светот на духовите, светителите имале и забележување на благопријатен мирис од добрите духови и смрдеа од нечистите духови. При секоја појава на светли и чисти духови се разлевал животворен и благопријатен мирис, а при секоја појава на мрачните и нечисти духови се пронесувала задушлива и неподнослива смрдеа. Светителите, според смрдеата, ваква или онаква, можеле да дознаат со какава страст некој човек е обземен. Така, св. Ефтимиј Велики ја познал смрдеата на блудните страсти на некој монах Емилијан во лаврата на св. Теоктист. Одејќи еднаш на утрена, Ефтимиј поминал покрај келијата на Емилијан и ја почувствувал смрдеата на блудниот демон. Емилијан не правел никаков грев, освен што во тој момент имал блудни помисли што му биле втиснувани во срцето од нечистиот демон. И светителот веќе го осетил присуството на таквиот демон кај тој монах. Силата на тие забележувања се покажала уште почудна еднаш кај св. Иларион Велики. Некој човек, кој бил скржавец и среброљубив, му испратил на св. Иларион од својот зеленчук. Кога го извадиле тоа пред Илариона за да јаде, светителот рекол: „Носете го тоа одовде, не можам да ја поднесам смрдеата што излегува од тоа зелје! Зар не чувствувате како смрди од скржавост?“ Кога браќата се зачудиле на тие зборови, Иларион им рекол да го однесат зелјето пред воловите и да видат дека ни воловите нема да го јадат. Исихиј, ученикот на Иларион, го однесол и го ставил зелјето пред воловите. Воловите само го помирисале и ги одвратиле своите глави рикајќи.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното откровение на св. ап. Петар (Дела, 10), и тоа:

1. како Петар го видел небото отворено и чаршав полн со ѕверски животни, бубачки и птици;

2. како слушнал глас: *Стани, заколи и изеди*!;

3. како ова му било опомена за да не се гнаси од незнабожците, туку и кај нив да го проповеда *Евангелието*.

БЕСЕДА
за бегањето од светот и престојот во пустината

Далеку би отишол и би се сместил во пустината (Пс. 54:7).

Од кого, браќа, пророкот побегнал во пустината? Од лошите непријатели, од страста и од суетата. Зошто побегнал во пустината? Затоа што тоа е начинот за победа над лошите непријатели, над страстите и над светската суета. За пустината малкумина се грабаат, затоа побегнал во пустината. Луѓето се грабаат за градови, за земја, за власт и за богатство, а не за пустина. И човековите внатрешни непријатели, страстите и различната суетност, во градовите непрестајно се подгреваат со нов оган, додека во пустината венеат и исчезнуваат. *Стравот од смртта ме нападна*, вели пророкот пред тоа. И тоа е причината да бега во пустината. Потребно е својата душа да ја подготви за оној свет, за средба со Бога. Ни царот не може да се спаси од смртта, ниту може да го избегне судот. Живеејќи во раскош и во непрестајно веселие, човекот е навистина како успиен со напивките од овој свет. И среде раскошот и веселбата помислата на смрт ќе го поттргне и ќе го разбуди. Ах, мора да се умре! Овој свет мора да се остави! Пред Бога и пред ангелите мора да се излезе! Каде ми е душата? Каде ми се делата? Со што ќе отидам од овој свет, а со што ќе влезам во оној свет? Илјади и илјади од оние кои се разбудиле со такви прашања од гревовниот сон, побегнале во пустината, дење и ноќе да ја исправаат својата душа и да го чистат своето срце со покајание, со молитва, со пост, со бдение, со труд и со останатите

испробани средства со кои човекот го убива стравот од смртта и станува син Божји.

О Господи Исусе Христе, Наставнику наш премудар и преблаг, кој и самиот понекогаш си се оддалечувал од луѓето во самотија, помогни ни да ја приберeме својата душа и да се подготвиме за Твоето пресветло царство. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

26 ОКТОМВРИ

1. Св. вел. мч. Димитриј. Овој славен и чудотворен светител е роден во градот Солун од благородни и благочестиви родители. Измолен од Бога од бездетните родители, Димитриј бил син единец, заради што со големо внимание бил одгледуван и воспитуван. Неговиот татко бил солунски војвода, па кога таткото умрел, царот го поставил Димитриј за војвода на местото од таткото. Кога го поставил за војвода, христоборниот цар Максимијан посебно му препорачал да ги гони и да ги истребува христијаните од Солун. Но, Димитриј не само што не го послушал царот, туку спротивно, јавно Го исповедал и го проповедал Христа Господа во градот Солун. Кога за тоа слушнал царот, многу се огорчил на Димитрија, па при враќањето од војната против Сармат, царот Максимијан навратил во Солун да ја испита работата. Тој го повикал војводата Димитриј и го испрашувал за верата. Димитриј јавно пред царот признал дека е христијанин и, покрај тоа, уште го изобличил царевото идолопоклонство. Разлутениот цар го фрлил Димитрија во затвор. Знаејќи што го чека, Димитриј го предал својот имот на својот верен послушник Луп за да го раздаде на сиромашните и заминал весел во затворот, каде што му претстоело страдање за Христа Господа. Во затворот му се јавил ангел Божји и му рекол: „Мир на тебе, страдалниче Христов, биди маж и крепи се!“ По неколку дена, царот ги испратил војниците во затворот за да го убијат Димитриј. Тие го нашле Божјиот светител на молитва и го изболе со копје. Неговото тело тајно го зеле христијаните и чесно го погребале. Од телото на Христовиот страдалник потекло исцелително миро со кое многу болни се излекувале. Наскоро над моштите била изградена мала црквичка. Некој илирски велможа, Леонтиј, бил болен од неизлечлива болест. Тој дошол кај моштите на св. Димитриј

со молитва и бил потполно излекуван. Од благодарност, Леонтиј изградил многу поголема црква на местото на старата. Светителот му се јавил двапати. Кога царот Јустинијан сакал да ги пренесе моштите на светителот од Солун во Цариград, од гробот се појавиле искри и се слушнал глас: „Застанете и не фаќајте!“ И така моштите на св. Димитриј останале засекогаш во Солун. Како заштитник на Солун, св. Димитриј многупати се јавувал и многупати го спасил Солун од голема беда. Нема број на неговите чуда. И Русите го сметаат за покровител на Сибир, кој е освоен и припоен кон Русија на 26 октомври 1581 година.

2. Преп. мч. Јоасаф. Ученик на св. Нифонт, патријарх Цариградски. Се подвизувал на Св. Гора. Имал толку љубов кон Христа Господа што сите подвизи му се чинеле како недоволни заради што сакал да пострада од љубов кон својот Господ. Затоа отишол во Цариград и јавно пред Турците ја исповедал верата во Светата Троица и во Синот Божји. Огорчените Турци му ја пресекле главата на 26 октомври 1536 година.

3. Спомен на големиот земјотрес. Во времето на царот Лав Исавријанин имало страшен и долготраен земјотрес во Цариград, во 740 година. Народот тоа го сфатил како Божја казна за гревовите и се молел на Пресвета Богородица и на св. Димитриј со големо покајание, додека Бог не се смилувал и земјотресот не престанал.

РАСУДУВАЊЕ

Чудо на св. Димитриј Солунски. Св. Димитриј во животот бил солунски војвода и тоа останал и по смртта. Неговото присуство во Солун луѓето го чувствувале посебно кога имало големи беди. Тој го заштитувал градот, ги победувал неволјите, ги одбивал завојувачите и им помагал на сите кои го повикувале неговото име. Еве еден прекрасен случај за неговата необична помош на луѓето во беда. Еднаш нападнале варвари на Солун и не можеле да го заземат. Гневни заради тоа, тие ја ограбиле сета околина и во ропство одвеле две прекрасни девојки, кои му ги подариле на својот кнез. Тие две девојки знаеле многу добро рачно да везат. Кога кнезот видел некои нивни рачни работи, им рекол: „Сум слушнал дека во вашата земја постои голем Бог, Димитриј и тој правел големи чуда, извезете го на платно

неговиот лик“. Девојките му кажале дека св. Димитриј не е бог, туку дека е слуга Божји и помошник на христијаните, и во почетокот не сакале да го везат ликот на светителот, но кога кнезот им се заканил со смрт, тие го извршиле заповеданото и работата ја завршиле до денот на св. Димитриј. Во предвечерието на празникот, тие го гледале својот вез и плачеле тагувајќи, едно, заради тоа што тој празник го поминуваат во ропство, а друго, заради тоа што везениот лик на својот омилен светител мора да му го дадат на нечестивиот варварин. И двете девојки му се молеле на св. Димитриј да им опрости. Тогаш св. Димитриј се јавил, ги зел двете девојки, како некогаш ангелот што го зел пророкот Авакум, ги пренесол во Солун и ги поставил во својата црква. Во црквата се служело сеноќно бдение и имало многу народ. Кога дознале за ова чудно спасение на овие христијански девојки, сите Го прославиле Бога и Неговиот голем слуга и војвода св. Димитриј.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното ослободување на Петар од затворот (Дела, 12) и тоа:

1. како Петар спиел во затворот окован во две пранги;
2. како верниците се молеле на Бога за Петра;
3. како се јавил светол ангел во затворот, го ослободил Петра од оковите и го извел надвор.

БЕСЕДА
за срцето подготвено за Бога

Подготвено е срцето мое, Боже, спремно е срцето мое (Пс. 56:7).

Блазе му на оној, браќа, којшто може така да Му рече на својот Господ! Блазе му на оној чие срце е потполно готово да ја следи волјата Божја. Во тоа е и подготвеноста на човечкото срце, радосно да ја следи волјата Божја и да не се збунува со никакви свои помисли и желби. Покајаниот цар Давид ги следел прво своите грешни помисли и желби и бил

како лаѓа во бурното море. Но кога увидел дека бурата ќе го потопи, се обратил кон Бога со големо покајание и со плач и лаѓата на својот живот потполно ја предал во Божјите раце. *Подготвено е срцето мое, Боже, спремно е срцето мое*! – извикнува тој со голем душевен мир, бидејќи знае дека ја предал својата лаѓа во највештите раце на кормиларот. Бурата уште и да беснее, и да навалуваат ветровите и брановите, тој не се плаши затоа што е уверен дека неговата лаѓа ништо не може да ја разбие и дека мирно ќе доплови во тивкото пристаниште. Подготвено срце значи очистено срце од гордоста и смирено пред величието на силата и мудроста Божја. Подготвено срце значи испразнето срце од сите желби и светски мечтаења и исполнето единствено со стремеж кон Бога и љубов кон Бога. Подготвено срце значи излекувано од сите неспокојства, грижи и страв, и смирено и охрабрено со присуство на благодатта Божја. *Ќе Те славам, Господи, меѓу народите, ќе Те воспеам меѓу племињата*, така продолжува псалмопевецот. И тоа покажува колку е неговото срце навистина подготвено. Имено, тој не се гордее со својата царска слава, туку ја припишува на Бога. Тој премногу се понижил пред Бога и сета сладост му е да Го велича и да Го прославува Бога. Неговата лична слава му дава само повод за прославување на својот преславен Бог. О браќа мои, да се потрудиме и нашето срце да биде што поскоро подготвено пред Бога, подготвено да го чуе зборот Божји, подготвено да ја следи Божјата волја, подготвено да Го прославува живиот Бог.

О Господи Боже, наш бесмртен Создателу, помогни ни да го подготвиме нашето срце да биде сад на Твојата животворна благодат. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

27 ОКТОМВРИ

1. Св. мч. Нестор. Во времето на страдањата на св. Димитриј Мироточив, во Солун имало некое момче Нестор, кое се научило на Христовата вера од самиот св. Димитриј. Во тоа време христоборниот цар Максимијан приготвил разни игри и веселби за народот. А царев миленик бил некој вандал, по име Лиј, со раст и снага како Голијат. Како царски гладијатор Лиј секојдневно ги предизвикувал луѓето на борба и ги убивал. И крвопролевањето на Лиј го развеселу-

вало крвожедниот идолски цар. За борбите на Лиј царот изградил посебна арена како едно гумно (тераса) на столбови. Одоздола под гумното имало набодени копја со врвовите во висина. Кога Лиј некој во борбата ќе го победел, тој ќе го турнел одозгора од тоа гумно врз целата шума од исправени копја. Наоколу стоел незнабожечкиот народ со својот цар и се веселеле, гледајќи како некое бедно човечко суштество се превиткува во маките на копјата сè додека не издивне. Помеѓу Лиевите жртви имало и многу христијани. Кога во некои денови никој не ќе се пријавел доброволно, тогаш, по царска наредба, биле влечени со сила христијани да се борат со Лиј. Гледајќи го тоа ужасно незнабожечко развеселување, на св. Нестор срцето му се парало од болка. И тој решил самиот да излезе да се бори со џиновскиот Лиј. Претходно отишол во затворот кај св. Димитриј и од него побарал благослов за тоа. Св. Димитриј го благословил, го прекрстил со знакот на крстот на челото и на градите и му прорекол: „Ќе го победиш Лиј, но за Христа ќе пострадаш!" Младиот Нестор излегол на борба со Лија. Бил присутен и царот со мноштво народ; сите го жалеле младиот Нестор и го одвраќале од борбата со Лиј. Но Нестор се прекрстил и рекол: „Боже на св. Димитриј, помогни ми!" И со Божја помош Нестор го совладал Лија, го превртел и го турнал на острите копја, каде што тешкиот џин брзо ја нашол смртта. Тогаш целиот народ викал: „Голем е Богот на Димитриј!" Царот се засрамил пред народот, се растажил по својот миленик Лиј и многу им се налутил на Нестора и на Димитрија. Злобниот цар наредил, та Нестора со меч го убиле, а Димитрија со копје го проболе. Така го завршил својот млад земен живот овој славен христијански јунак Нестор во 306 година и се преселил во царството на својот Господ.

2. Преп. Нестор Летописец. Во својата 17. година стапил во манастирот Киево–печерски, кога игумен бил св. Теодосиј. Ја напишал првата историја на рускиот народ, во која ја вметнал и историјата на руското подвижништво. Се одликувал со необична смиреност и со кроткост. Во своето славно книжевно дело Нестор често себеси се нарекувал недостоен, груб, човек кој ништо не знае, исполнет со секаков грев. Но Бог, кој ги познава човечките срца, го прославил овој прекрасен угодник. Кога Нестор се упокоил на 27 октомври 1114 година, неговите мошти направиле многу чуда.

3. Св. Андреј, кнез Смоленски. Од љубов кон Христа ја напуштил славата и светската чест, се скрил во еден

манастир и овде преправен и непознат, служел како црковен прислужник 30 години. Се упокоил во Господа мирно во 1390 година. Чудотворните мошти повторно му се пронајдени во 1540 година. [21])

РАСУДУВАЊЕ

Чудо на св. Димитриј Солунски. Дека светителите Божји живеат облечени во голема слава и сила на небесата, православниот христијанин тоа го знае не заради некое свое умување, туку заради вистинската помош и по јавувањата на светителите. Понекогаш тие се јавуваат човекот да ги види и да ги чуе, понекогаш само да ги види или само да ги чуе, а понекогаш невидливо и нечујно влијаат на нашите мисли, на нашата состојба на нашето делување. Помеѓу многуте чуда на св. Димитриј, забележено е и ова. Во црквата на св. Димитриј во Солун за црковен прислужник било поставено некое момче, Онисифор. Неговата главна работа била да води сметка за свеќите и за кандилата. Ова момче почнало да краде свеќи и да ги носи во својот дом, па повторно да ги продава. Му се јавил св. Димитриј и му рекол: „Брате Онисифоре, не ми е угодно твоето дело затоа што крадеш свеќи и со тоа им нанесуваш штета на другите, а најмногу на себе; остави го тоа и покај се!“ Онисифор се исплашил и се засрамил, и некое време престанал да краде свеќи. Но подоцна заборавил сè, па повторно почнал да краде. Едно утро некој угледен човек донесол големи свеќи на гробот на светителот, ги запалил, се помолил и излегол. Онисифор се приближил кон свеќите и ја пружил раката со намера да ги земе. Во тој час се слушнал глас како гром: „Зар ти пак го правиш тоа?“ Како од гром удрен, Онисифор паднал на земјата и се онесвестил. Кога дошле луѓето, го подигнале и тој постепено се повратил на себе и раскажал сè што му се случило. Сите се зачудиле и го прославиле Бога.

---

[21]) Во грчкиот *Голем Синаксар* на овој ден се споменува и св. Прокла Клаудија, жена на Пилат, на која Господ ѝ се јавил на сон за време на судењето. Заради тоа таа се трудела да го одврати мажот од намерата, но безуспешно (Мт. 17:19). Подоцна таа им се придружила на Христовите ученици и била крстена. Пострадала за името Христово и мирно се упокоила.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното патување на Петар со Божјиот ангел (Дела, 12), и тоа:

1. како ангелот го извел Петра од затворот и го повел во градот;

2. како невидливо ги поминале првата и втората стража;

3. како заклучената порта на градот им се отворила сама.

БЕСЕДА
за ревноста за домот Божји

Ревноста за Твојот дом ме јаде и подбивите на оние што Те хулат паѓаат врз мене (Пс. 68:9).

Небото е дом Божји. Црквата Божја е дом Божји. Телата на луѓето кои веруваат се дом Божји. Таму каде што е Бог, таму е дом Божји, а каде е домот Божји, таму е светињата. Луѓето ја обесветуваат Божјата светиња и царскиот пророк се лути и гори од ревност. Сите навреди на светињата тој ги прима на себе и тие паѓаат врз него како оган што сѐ повеќе го распалува во ревност. Луѓето го обесветуваат небото кога не веруваат и го одрекуваат она што самиот Бог им го открил заради нивно спасение. Кога луѓето се противат на вистината или кога ја превртуваат вистината на еретички начин, кога своеволно судат според својот телесен разум за Христа Господа, кога се сомневаат во ангелите, во светителите и во Судот, во бесмртното царство Христово и во вечната казна за непокаените грешници, и во сите, на тие слични случаи, луѓето разбојнички го напаѓаат домот Божји и ја обесветуваат светињата на домот Божји. Тогаш се крева ревноста во срцето на праведникот против богоборството и богохулството. Исто така, луѓето го напаѓаат домот на светињата Божја кога недостојно се однесуваат кон Божјата црква, кога се невнимателни кон црковните уредби, кога се мрзеливи кон црковните заповеди или кога се злобни кон црковните служители. И тогаш се разгорува ревноста за светињата на домот Божји во праведното и побожното срце.

Најпосле, понижувањето на човечкото тело, предавањето на страстите, служењето на гревовите, грабнувањата, убиствата, грубоста, пијанството и другите лоши дела, сето тоа е напад на светињата на домот Божји, сето тоа е богохулство и човекохулство. И повторно ревноста на ревнителот на светињата се подигнува и свети пред луѓето како небесен пламен. О браќа мои, да се огледаме на Христовата ревност кон светињата на домот Божји (Јн. 2:17) и на ревноста на апостолите и светите отци на нашата православна црква. Да ревнуваме за нашето спасение повеќе отколку што ѓаволот деноноќно ревнува за нашето пропаѓање.

О Господи Исусе Христе, примеру на ревност кон светињата, дај ни една искра од Твојата ревност за да личиме на Тебе и со Тебе да се спасиме. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

28 ОКТОМВРИ

1. Св. мч-чка Параскева – Петка. Родена во градот Иконија од богати и христољубиви родители. По смртта на своите родители, девојката Параскева почнала да го раздава својот имот на бедните и сиромашните сѐ во името на Христа Господа. Кога настанало гонење во времето на Диоклецијан, Параскева била изведена на суд пред кнезот на таа земја. Кога кнезот ја прашал за името, таа рекла дека се вика христијанка. Кнезот ја укорил затоа што не го кажала своето вообичаено име. Параскева му рекла: „Требаше прво да ти го кажам името од вечниот живот, па потоа името од привремениот живот". По камшикувањето, кнезот ја фрлил во затвор каде што ѝ се јавил ангел Божји и откако ѝ ги излекувал раните, ја утешил. Со молитва ги разурнала сите идоли во незнабожечкиот храм. По долготрајните и лути маки, била со меч исечена и се преселила во вечен живот.

2. Св. Арсениј архиепископ Пеќски. Голем ерарх на српската црква и наследник на св. Сава. Арсениј бил роден во Срем. Уште во младоста се замонашил и се предал на искрен и сесрден подвиг заради спасение на душата. Кога слушнал за прекрасната личност и за дејноста на св. Сава, Арсениј отишол кај него во Жича, каде што Сава љубезно го примил и го вброил во жичкото братство. Кога ги видел ретките добродетели на Арсениј, Сава наскоро го поставил

за игумен на жичкиот манастир. Кога Унгарците ја нападнале српската земја, Сава го испратил Арсенија на југ да бара позакриено место од Жича за архиепископија. Арсениј го избрал Пеќ и овде изградил манастир и црква на светите апостоли, која подоцна била наречена „Црква на Вознесението Господово“. Пред своето второ тргнување за Ерусалим, Сава го одредил Арсениј за свој наследник на архиепископскиот престол. И кога Сава при враќањето умрел во Трново, Арсениј го натерал кралот Владислав да го пренесе телото на Сава во српската земја. Мудро управувал со црквата 30 години и се упокоил во Господа на 28 октомври 1266 година. На олтарниот ѕид во пеќскиот храм стои напишано: „Господи Боже наш, прифати го, посети го и благослови го овој храм... спомнете ме и мене грешниот Арсениј“. Закопан е во пеќскиот храм.

3. Св. мч. Теренциј. Од Сирија. Пострадал за Христовата вера заедно со жената и со своите седум деца. По многу маки, при кои се јавила силата Божја, сите биле исечени со меч.

4. Св. Стефан Саваит. Писател на многу прекрасни канони. Се подвизувал во манастирот на св. Сава Освештен. Подоцна бил епископ и мирно се упокоил во 807 година.

5. Св. Атанасиј патријарх Цариградски. Противник на унијата со Рим, наспроти својот претходник Јован Век (1275–1282). Од детството аскет и молитвеник. Омилен кај народот, тој предизвикал негодување кај некои свештеници заради својата морална строгост. Се повлекол во својот манастир на горама Гана, каде што се подвизувал уште построго отколку порано. Му се јавил Господ Христос и благо го укорил што го оставил стадото на волците. Кога го прорекол денот на земјотресот во Цариград, царот Андроник повторно го вратил на патријаршискиот престол и покрај неговата волја. Потоа повторно се оддалечил тајно на подвиг. Се упокоил во својата 100. година од животот. Бил чудотворец и видовит.

6. Св. Димитриј еп. Ростовски. Голем јерарх, проповедник, писател и подвижник. Се родил близу до Киев во 1651 година, а се упокоил на молитва во 1709 година. Покрај тоа Што се прочул со своите многу славни и поучни дела, посебно се прочул со преводот и изданието на ***Житијата на светиите***. Ја предвидел својата смрт пред три дена и се упокоил на молитва. Големо светило на Руската црква, како и на православната воопшто. Имал небесни виденија

во својот живот; Му послужил на Господа ревносно и се преселил во царството небесно.

РАСУДУВАЊЕ

Свети Димитриј Ростовски бил светител со вистински ков на старите отци. Тој не само што пишувал прекрасни поучни книги, туку и со пример светлел на својата паства. Бил голем испосник и молитвеник. Толку бил смирен што дури и семинаристите во својата семинарија ги молел да се молат на Бога за него. Секогаш кога часовникот ги отчукувал часовите, тој станувал на молитва и ја читал: „Богородице Дево, радувај се!“ Кога бил болен, кое нешто често му се случувало, тој ги молел семинаристите секој од нив по петпати да му прочита „Оче наш“ со помисла на петте рани на Господа Исуса Христа. Еднаш му се јавила св. Варвара и со насмевка му рекла: „Зошто се молиш на латински?“, т.е. зошто се моли кратко на Бога. Од тој укор, иако благ, тој паднал во очајание. Но таа го охрабрила, велејќи му: „Не се плаши!“ Во друга прилика му се јавил св. Орест маченик (10 ноември), токму кога св. Димитриј го пишувал неговото житие и му рекол: „Јас претрпев поголеми маки за Христа отколку што ти си напишал“. Му го покажал левиот колк и му рекол: „Ова ми е прободено со усвитено железо“. Потоа му ја покажал левата рака и му рекол: „Овде сум пресечен“. Најпосле му ја покажал ногата над коленото и му рекол: „Ова ми е со коса исечено“. Кога св. Димитриј размислувал кој е тој Орест и дали е тоа оној од петте маченици (13 декември), светителот му ја погодил мислата и му рекол: „Не сум јас тој од петте маченици, туку тој чие што житие сега ти го пишуваш“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за страшната казна Божја над Ирод (Д.а. 12), и тоа:

1. како Ирод со гордоста се воздигнал и народот го славел како Бог;
2. како одеднаш го удрил ангел Божји затоа што не дал слава на Бога;
3. како изеден од црвите починал.

БЕСЕДА
за молитвата кон Бога да ја спаси душата од прашината

Извади ме од калта за да не потонам (Пс. 68:14).

Со прашина, браќа, е покриена нашата душа и кола од прашина ѝ е дадена на служба на нашата душа. Да не потоне нашата душа во прашината! Да не се зароби во прашината! Живата искра во гробот да не се изгасне од прашината! Широко е многу полето на земната прашина што нѐ привлекува кон себе, но уште пошироко е неизмерното духовно царство што нашата душа ја нарекува своја роднина. Според телесната прашина, навистина сме сродни со земјата, но според душата ние сме сродни со небото. Доселеници сме во привремени колиби, војници сме во минливи шатори. *Господи, спаси ме од калта*! Така се моли покаениот цар, кој прво ѝ се предал на прашината додека не увидел како прашината влече во бездната на пропаста. Прашина е човечкото тело со своите мечти; прашина се и сите злобни луѓе кои војуваат со праведници; прашина се и демоните со своите страшилишта. Од сета таа прашина Господ да нѐ спаси. Единствено Он тоа го може. А ние се трудиме прво и прво да го пронајдеме непријателот во самите себе непријателот кој ги привлекува и другите непријатели. Најголемата беда на грешникот доаѓа оттука што тој самиот е сојузник на непријателот против самиот себе, несвесно и безволно. А праведникот ја окрепил добро својата душа во Бога и во царството Божјо и не се плаши; не се плаши првин од себе, па потоа не се плаши ни од другите свои непријатели. Не се плаши затоа што тој не е ни сојузник ниту е јатак на непријателот на својата душа. Оттука, не му можат ништо ни луѓето ни демоните. Бог му е сојузник и ангелите Божји му се заштитници, па тогаш што му може човекот, што му може демонот или секаква прашина?

О Господи Боже наш, триипостасен и единствен, кој си вдахнал жива душа во прашината на нашето тело, спаси нѐ според Твојата милост за да не пропаднеме. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

29 ОКТОМВРИ

1. Преп. мч-чка Анастасија Римјанка. Родена е во Рим од благородни родители, но останала сираче на три години. Како сираче била земена во некој женски манастир близу до Рим, на кој игуменија била некоја Софија, монахиња на висок степен на совршенство. По 17 години, Анастасија секаде наоколу се прочула помеѓу христијаните како голема подвижничка, а помеѓу незнабожците како ретка убавица. Незнабожечкиот градоначалник Проб слушнал за неа и испратил војници да ја доведат. Добрата игуменија Софија два часа ја советувала Анастасија како да ја чува верата, како да им одолее на ласкавите измами и како да ги претрпи маките. Анастасија ѝ рекла: „Подготвено е моето срце да страда за Христа, душата моја е подготвена да умре за најслаткиот Исус". Изведена пред кнезот, Анастасија јавно ја искажала својата вера во Христа Господа. А кога кнезот ја одвраќал од верата, прво со ветувања, а потоа и со заканувања, св. маченичка му рекла: „Подготвена сум да умрам за мојот Господ не еднаш, ами, кога би можело, и стопати!" Кога ја соблекле заради понижување, таа им викала на слугите: „Тепајте ме, сечете ме и растргнувајте ме, покријте го со рани моето тело и со крвта скријте го мојот срам!" Била тепана, растргана и сечена. Двапати почувствувала голема жед и побарала вода. Некој христијанин, Кириј, ѝ дал вода заради што бил благословен од маченичката, а од незнабожците бил заклан. Нејзе ѝ ги отсекле градите и јазикот. Ангел Божји ѝ се јавувал и ја поддржувал. Најпосле со меч била погубена надвор од градот. Блажена Софија го пронашла нејзиното тело и чесно го погребала. Анастасија се овенчала со маченички венец за време на царот Декиј.

2. Преп. Аврамиј Затвореник и неговата внука Марија. Бил присилен од родителите да се венча, но на самиот ден на венчавањето ја оставил невестата, родителите и домот и се оддалечил во самотија на голем подвиг. Се подвизувал 50 години. Само двапати излегол од својата келија за цело време. Првиот пат излегол по заповед на надлежниот епископ за да преведе во Христовата вера некое незнабожечко село. Вториот пат излегол за да ја спаси својата заблудена внука Марија. Се упокоил мирно во 360 година, во 70. година од животот на земјата.

3. Преп. мч. Тимотеј Есфигменски. Од Кисани, Тракиско село. Бил оженет и имал две ќерки. Неговата жена ја грабнале Турци и ја потурчиле. За да ја избави жената од харемот и тој привидно се потурчил. Кога ја избавил жената, ја испратил во некој женски манастир, а тој отишол во Св. Гора, прво во лавра а потоа во Есфигмен. Посакал маченичиштво за Христа како Агатангел Есфигменски и бил исечен во Едрене на 29 октомври 1820 година. Телото му било фрлено во река, а наметката му ја донесле на старецот Херман, духовник во манастирот „Есфигмен".

РАСУДУВАЊЕ

Но кој ќе претрпи до крај, ќе биде спасен (Мт. 10:22), рекол Господ. Верата е единствена светлина на трпението, бидејќи трпението само по себе претставува неподнослива темнина. Верата е светла ѕвезда во таа темнина; верата ја ублажува остринатa на страдањето; таа на своите крилја ја поддржува сета тежина на трпението. Св. Аврамиј ни дава прекрасен пример на истрајност во трпението. Заради досадите што му ги причинувал ѓаволот со разни искушенија и заплашувања, малку кој не би го оставил едното место и не би се преселил на друго. Но Аврамиј не сакал да се преселува за да не ликува демонот, туку истрајал на своето место и го победил ѓаволот. Епископот од тој предел го испратил Аврамиј да појде во едно незнабожечко село и да проба тоа село да го преведе во верата Христова. По долго убедување, Аврамиј тргнал велејќи: „Нека биде волјата Божја, одам заради послушност". Првин изградил црква во тоа село. Потоа ги испокршил идолите пред очите на селаните. Тогаш селаните го претепале и го избркале од своето село. Тој со плач Му се молел на Бога за тие луѓе, Господ да им ги отвори очите на срцата за познавање на вистината Христова. И така незнабожците непрестајно го тепале и го бркале три години, а тој непрестајно се молел на Бога за нив и не се разгневил на нив: *трпејќи во верата како тврд камен*. Дури по три години неговиот труд, солзите, опростувањето и верата биле наградени. Одеднаш на тие селани им се отворила совеста, сите собрани отишле кај Аврамиј, му се поклониле и ја примиле верата Христова од него.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за страшната казна со која Павле го казнил маѓесникот (Дела, 13), и тоа:

1. како некој маѓесник Евреин го држел кнезот Срѓ под својата мрачна власт;

2. како Павле со збор го ослепил тој маѓесник;

3. како кнезот го видел чудото, поверувал во Христа и се крстил.

БЕСЕДА
за славата на името Божјо

И нека е блаīословено Неīовоūо славно име довека, и со славаūа Неīова нека се исūолни целаūа земја (Пс. 71:19).

Од срцето на пророкот, исполнето со благодат, се точат благодатни зборови. О Цару и Сину Царев, вели пророкот за најнеобичниот Цар каков што некогаш се јавил на земјата. *Неīовоūо име ќе е блаīословено довека*, првин рекол пророкот, па како недоволно да кажал, сега повторува и додава: *имеūо на Неīоваūа слава*. Црквата Христова е слава Христова. Негова благословена света Црква – плод на Неговите трудови, венец на Неговите понижувања, дело на Неговите раце, цвет од Неговата крв. Благословено е и самото име на Црквата Негова, света и спасоносна! И ќе се исполни со Неговата Црква, т.е. со Неговото дело, со славата Негова сета земја. Со зборот *довека* пророкот ја истакнува бесмртноста на делото Христово, т.е. на Црквата Негова. Таа во времето ќе се ѕида, а во вечноста ќе се покаже. Ќе се ѕида до крајот на времето, а ќе се покаже целата во вечноста.

О браќа мои, да се потрудиме и ние со душата да се вградиме во Црквата Христова, во тоа живо и бесмртно тело на чијшто живот му нема крај и на чија убавина ѝ нема име. Да се потрудиме да не бидеме отфрлени како незгоден и непотребен камен и да бидеме фрлени во бездната на вечниот мрак.

О Господи Исусе Христе, Цару и Сине на Царот, запиши нè и нас во книгата на бесмртните и спомени нè во

Твоето небесно царство. На Тебе салва и вечна пофалба. Амин.

30 ОКТОМВРИ

1. Свешт. мч. Зиновиј и неговата сестра Зиновија. Од градот Егеј во Киликија. Од родителите ја наследиле вистинската вера и големо материјално богатство. Од ревност кон верата, со голема љубов го разделиле своето богатство на сиромашните. И затоа што биле со милостива рака и нив раката Божја ги заштитувала од секаква лоша човечка помисла или пак демонска. Милостивите раце на Зиновиј, кои го дарувале сиромавиот, биле од Бога надарени со чудотворство, така што тој исцелувал болни од секаква болест само со допир на раката. И Зиновиј бил поставен за епископ Егејски. Во времето на гонењата, судијата Лисиј го фатил и му рекол: „Ти предлагам две работи – живот и смрт; живот ако им се поклониш на боговите, смрт ако не им се поклониш". Свети Зиновиј одговорил: „Животот без Христа не е живот, туку смрт, а смртта заради Христа не е смрт, туку живот". Кога Зиновиј бил ставен на лути маки, на судијата му се јавила сестрата на маченикот и му рекла: „Таа чаша на страдање и јас сакам да ја испијам и со тој венец да се венчам". По маките во огнот и во врелата смола, и двајцата биле со меч исечени околу 285 година. И така, овие брат и сестра се преселиле во бесмртното царство на Христа Царот.

2. Св. ап. Клеопа, Терциј, Марко, Јуст и Артем се од седумдесетте апостоли. На Клеопа му се јавил воскреснатиот Господ на патот за Емаус. Терциј го напишал посланието на апостолот Павле до Римјаните (Рим. 16:22) и завршил маченички како епископ Иконијски, по апостолот Сосипатр (види, 10 ноември). Св. Марко (или Јован, види, Д.а., 12:12), син на благочестивата Марија, чијшто дом бил засолниште на апостолите и првите христијани во првото време и роднина на Варнава. Бил епископ во самарискиот град Аполонијада. Јуст бил син на Јосиф свршеникот. Заедно со Матија бил избиран со жрепка на местото на предавникот Јуда, но не бил избере. Како епископ пострадал за *Евангелието* во Елефтеропол. Св. Артем бил епископ во Листра Ликаониска и мирно завршил.

3. Св. Крал Милутин. Син на Урош I и кралицата Елена и брат на Драгутин. Многу војувал бранејќи ја својата вера и својот народ. Војувал против Михаил Палеолог затоа што овој ја примил унијата и ги присилувал сите балкански народи и монасите атонски и тие да го признаат папата. Војувал против Шишман, царот Бугарски и Ногај, цар Татарски за да ја одбрани својата земја. Сите негови војни биле успешни, бидејќи непрестајно се молел на Бога и се надевал на Бога. Соѕидал повеќе од 40 цркви, меѓу кои Трескавец, Грачаница, „Св. Ѓорѓи“ во Нагоричани, „Св. Богородица“ во Скопје, во Банско итн. Тој изградил цркви и во: Солун, Софија, Цариград, Ерусалим, во Св. Гора.[22]) Се упокоил во Господа на 29 октомври 1320 година. Неговото тело наскоро се покажало негнилежно и чудотворно. Како такво тоа и денес почива во Софија, во црквата „Св. Крал“.

РАСУДУВАЊЕ

Големиот син на православната црква, кралот Милутин, го спасил Балканот од унијатство. Во моментот кога на византискиот цар му ослабела совеста, овој витешки и богоносен словенски крал станал решително и со Божја помош го спасил Православието не само во својата земја, туку во сите балкански земји. Кој ќе го испита одблизу животот на кралот Милутин, ќе разбере зошто Бог нему му испраќал успех по успех преку целиот негов живот во сите работи. Кога Милутин стапил на престолот, веднаш дал завет пред Бога дека ќе изгради онолку цркви колку што години ќе биде крал. Кралувал 42 години и 42 цркви изградил. При некои цркви, како во Солун и во Цариград, градел и болници за сиромашните луѓе, каде што тие ќе добиваат сè бесплатно. Освен тоа, тој посебно сакал своето огромно богатство да го дели на сиромаштијата. Честопати овој моќен и богат крал ноќе се преслекувал во облека на бедник и со двајца или тројца свои слуги одел по народот и се распрашувал за потребите на луѓето и обилно ги помагал бедните. И покрај своето големо богатство, тој живеел сосема скромно и патријархално, иако таков не се покажува пред туѓинците. Тој

---

[22]) Милутин се женел двапати, а не четирипати како што го клеветат клеветниците. Првиот пат се оженил со Елисавета, унгарска принцеза, а вториот пат со Симонида, византиска принцеза.

навикнал на скромен живот уште во куќата на својот татко, кралот Урош. Се раскажува како царот Михаил Палеолог ја испратил својата ќерка Ана со една порака на дворецот до кралот Урош, нудејќи ја својата ќерка на Милутин само да би го придобил српскиот крал за унија со Рим. Кралот Урош кога ја видел безумната византиска раскош на принцезата и на нејзините придружници им рекол: „Што е тоа и на што е тоа? Ние не сме навикнати на таков живот". И со раката покажал на една српска принцеза и рекол: „Еве во каква облека ние ги земаме своите снаи!"

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното исцелување на сакатиот од раѓање човек (Дела, 14), и тоа:

1. како во Листра имало човек кој од раѓањето не ги движел нозете;
2. како тој се загледал во Павле и поверувал во *Евангелието*;
3. како Павле со името на Господа Исуса Христа го исцелил и тој скокнал и проодел.

БЕСЕДА
за желбата за Бога – единствена желба на праведникот

Кого го имам јас на небото освен Тебе? А кога сум со Тебе на земјата, ништо не барам.(Пс. 72:25)

И на небото и на земјата едно е врвното богатство за душата на пробудениот човек. Тоа богатство е Бог. Безброј богатства има на небото, но Творецот на сите тие богатства е неспоредлив. Затоа душата на пробудениот човек прашува: *Кого го имам јас на небото освен Тебе*? Потребна ли му е река на оној којшто е доведен на изворот да пие? И дали се загледува во овчарската трпеза оној кој е седнат на царската трпеза? Бог е доволен самиот по себе да го засити сиот глад и жедта на човекот. Божјо е небото и Божја е земјата. Господарот на сите богатства е најголемо богатство; Творецот на сите сласти е најголема сласт; Носителот на си-

те мудрости е најголема мудрост; Изворот на сите сили и милости е најголема сила и милост. Создателот на секаква убавина на небото и на земјата е најголема убавина. Никакво богатство не може на човекот да му дојде на срце, ни најаве, ни на сон какво што не би имало кај Бога, и тоа во највисок степен.

Затоа браќа мои, да Го бараме Бога за да добиеме сè; да го бараме Бога за да најдеме сè; да се богатиме во Бога за да бидеме богати со сè.

О Господи Боже наш, приближи ни се кога нашата душа Те бара. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

31 ОКТОМВРИ

1. Св. апостоли: Стахиј, Амплиј, Урван, Наркис, Апелиј и Аристовул. Од едумдесетмината. Св. Стахиј бил помошник на св. Андре Првоповикан. Св. Андреј го поставил за епископ во Византија. Ја создал црквата во Аргиропол и управувал со својата паства верно и ревносно. По 16 години епископствување, мирно се упокоил во Господа. Амплиј и Урван, исто така, соработувале со св. Андреј и од него биле поставени за епископи, и тоа: Амплиј во Лид или Диоспол Јудејски, а Урван во Македонија. Двајцата маченички пострадале за Христа Господа. Наркис бил поставен од апостол Филип за епископ во Атина. Свети Апелиј бил епископ во Ираклија Тракиска. Аристовул, братот на апостолот Варнава ја проповедал верата Христова во Британија и таму мирно починал.

2. Св. мч. Епимах. Роден во Египет каде што се подвизувал и каде што маченички го завршил земниот живот. Поддржувајќи го св. Јована Крстител уште како момче, се оддалечил во пустината. Заради неговата голема љубов кон Бога, Духот Божји го упатил на секоја вистина и без друг учител го научил како треба да се подвизува. Епимах дознал како неверниците ги мачат и ги убиваат христијаните во Александрија заради Христа. Сиот разгорен со ревност кон верата, отишол во градот и ги испокршил идолите. Кога незнабожците почнале за тоа да го мачат, тој извикнал: „Удирајте ме, плукајте ме, ставете ми трнов венец на главата, дајте ми трска во рацете, напојте ме со жолчка, распнете ме на крст и со копје прободете ме – тоа го претрпел мојот Гос-

под, сакам и јас тоа да го претрпам". Во насобраниот народ кои го гледале маченњето на св. Епимах имало и една жена слепа со едното око. Таа горко плачела од жалост гледајќи го бездушното мачење на Божјиот угодник. И кога мачителите му го стружеле телото на светиот маченик Христов, прснала од него крв и една капка од крвта паднала на слепото око на таа жена. Одеднаш жената прогледала и слепото око ѝ постанало здраво како другото. Тогаш жената извикнала: „Голем е Бог во којшто верува овој страдалник!" Потоа му ја отсекле главата на св. Епимах и неговата душа се преселила во вечната радост околу 250 година.

3. Св. мч. Никола Хиоски. Побожно момче и голем ревнител за верата Христова. Роден во селото Киријах на островот Хиос каде што бил мачен и исечен од Турците во 1754 година и каде што ја предал својата праведна душа на Бога.

4. Преп. Спиридон и Никодим. Монаси и просфорници во печерскиот манастир. Спиридон бил неписмен но го знаел целиот ***Псалтир*** напамет и правел чуда и за време на животот. Се упокоил во 1148 година.

РАСУДУВАЊЕ

И кој не ќе го земе крстот свој и не оди по Мене, не е достоен за Мене, рекол Господ (Мт. 10:38). Св. преп. мч. Тимотеј Есфигменски (29 октомври) прво бил оженет човек и имал две ќерки. Подоцна, кога како монах се решил да пострада заради Христа и веќе подготвен за патот на страдањето, го замолил игуменот за благослов да може да намине во своето село Кисана за да се види и да се прости со своите ќерки. Игуменот тоа не му го дозволил од страв, средбата со ќерките да не го разнежи и да не го одврати од маченииштвото за верата. Но селото на Тимотеја лежело на патот за Пропонтид, кон каде што Тимотеј се упатил. Кога бил во своето село, тој сретнал еден свој сосед, поразговарал со него и преку него ги поздравил своите ќерки. Залудно го канел соседот да наврати и да се види со ќерките и да се одмори. Тимотеј се поздравил и брзо продолжил по својот пат. Ќерките слушнале од соседот за својот татко, па побрзале да го видат. И сега се покажала една ретка и величествена глетка: ќерките трчаат да го стасаат и да го прегрнат својот татко, а таткото бега од своите ќерки за да не се огрещи на заповед-

та на својот игумен. Ќерките брзо, а тој уште побрзо. Ќерките итаат во прегратката на својот родител, а Тимотеј, бегајќи од нив ита во прегратките на смртта. Ќерките се измориле и очајни се вратиле, а таткото избегал. Пред својата смрт, Тимотеј го замолил духовникот Герман да намине во неговото село и да ги извести неговите ќерки за неговиот маченички крај. Герман ја пренесол пораката. Турците го убиле Тимотеја и неговото тело го фрлиле во реката, а Герман успеал од маченикот да земе само една облека со која дошол во Кисана, ги пронашол ќерките на Тимотеј, им ја раскажал јуначката смрт на нивниот татко и им ја покажал неговата облека.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното раководство на апостолите од Светиот Дух (Дела, 16), и тоа:

1. како Павле со Сила сакал од Мизија да оди во Витинија;
2. како Духот не им дал;
3. како на Павле во полноќно привидение му се јавил човек од Македонија и го повикал да дојде во Македонија.

БЕСЕДА
за уверувањето на праведникот дека нема да умре

Нема да умрам, но ќе живеам и ќе ги разгласувам делата Господови (Пс. 117:17).

Кој може да каже: *нема да умрам*? Оној кој се придржува кон живиот Господ. Кој може сигурно да тврди: *но ќе живеам*? Оној кој Го гледа живиот Господ пред себе. Енох и Илија не умреле, туку биле земени во бесмртниот живот. Господ ги зел по Својата милост, а за доказ на луѓето за бесмртниот живот. Христос Господ умрел и воскреснал по Својата сила, а за доказ на луѓето за воскресението од мртвите. Апостолите и светителите умреле, но многу од нив се јавиле од оној свет по своето човекољубие, а за доказ на луѓето за вечниот живот. Така и тие, кои биле земени и оние

кои умреле, живеат со воскреснатиот Господ Христос во бесмртното царство. *Нема да умрам, но ќе живеам* – говорел царот Давид со голема надеж, иако живеел на земјата пред воскресението Господово и објавата за општото воскресение на праведниците. Со уште поголема надеж секој од нас христијаните треба да вели така: *Нема да умрам, но ќе живеам,* зашто воскреснатиот Господ е темел на нашата вера и бидејќи нашите очи видоа и нашите уши слушнаа многу повеќе отколку очите и ушите на царот Давид. По Крстот Христов, ѓаволот постанал како чад, а по Неговото воскреснување, смртта постанала како магла преку која се излегува во сончевото поле на бесмртноста. Блазе му на оној, браќа, кој ќе се удостои да биде жив и да ги *разгласува делата Господови*!

Жив Господи, оживеј нè и нас и спаси нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

1 НОЕМВРИ

1. Св. Козма и Дамјан. Бесребреници и чудотворци. Браќа по тело и по дух, родени негде во Азија, од татко незнабожец и мајка христијанка. По смртта на таткото, нивната мајка Теодотија сето време и труд им ги посветила на своите синови да ги воспита и да ги подигне како вистински христијани. И Бог ѝ помогнал, та нејзините синови израснале како две слатки овошки и како два светилника во светот. Биле научени на лекарска вештина и бесплатно им помагале на болните, не толку со лековите колку со името на Господа Исуса Христа. И биле наречени лекари без надоместок, бидејќи лекувале без пари, исполнувајќи ја Христовата заповед: „Бесплатно примивте, бесплатно давајте" (Мт. 10:8). Толку биле внимателни во бесплатното лекување на луѓето што Козма навистина му се налутил на својот брат Дамјан, затоа што тој зел три јајца од некоја жена Паладија. Козма наредил по неговата смрт да не го погребуваат до неговиот брат Дамјан. Всушност, свети Дамјан не ги зел тие три јајца како награда за тоа што тој ја излекувал болната Паладија, туку затоа што таа го заколнала во Св. Троица да ги земе трите јајца. Сепак, по нивната смрт, во местото Фереман, биле заедно погребани, според Божјото откровение. Овие двајца свети браќа биле големи чудотворци и во животот и по смртта. На некој што тешко спиел, при спиењето му се вовлекла змија низ устата во стомакот и бедниот човек во најголеми маки ќе умрел, ако во последниот момент не ги повикал на помош св. Козма и св. Дамјан. И така, Господ ги прославил засекогаш со чудотворство оние кои Него Го прославиле на земјата со вера, со чистота и со милост.

2. Св. мач. Ерминигелд, принц. Син на Готскиот цар Лувигелд кој ја поддржувал Ариевата ерес. Но Ерминигелд не отстапил од православието пред сите ласкања и заканувања од својот суров татко еретик. Таткото го фрлил во затвор и рано на Воскресение испратил некој епископ еретик да го причести. Но угодникот Божји не сакал да прими причест од раце на еретик, за што овој го известил царот. Царот се налутил и наредил и џелатите му ја пресекле чесната глава на Ерминигелд во 586 година. Подоцна Лувигелд се покајал што си го убил синот, се одрекол од ереста и се вратил во православието.

3. Преп. мч. Јаков со учениците Јаков и Дионисиј. Роден е во Костурската епархија од родители Мартин и Параскева. Работејќи со овци, Јаков се збогатил и со тоа предизвикал завист кај својот брат, кој го наклеветил кај Турците, ѓоа нашол некакво богатство во земјата. Јаков побегнал во Цариград, каде што повторно многу бргу се збогатил. Еднаш Јаков бил гостин кај некој турски бег. Турците јаделе месо, а Јаков постел. Тогаш бегот му рекол: „Голема е вашата христијанска вера". И му раскажал како неговата жена била умоболна, и како тој, по сите лекувања и лекари, ја однел кај патријархот да ѝ прочита молитва. Штом патријархот ја отворил книгата да чита, светнала некаква небесна светлина по храмот. По завршувањето на молитвата, жената на бегот оздравела. Кога Јаков го слушнал Турчинот како ја фали христијанската вера, го раздал сиот свој имот и отишол во Св. Гора и се замонашил во манастирот „Ивер". Во Св. Гора се подвизувал, а пострадал за верата од Турците во Едрене на 1. ноември 1520 година. Неговите чудотворни мошти, како и на неговите ученици, почиваат во манастирот „Св. Анастасиј" во Галачист, во близина на Солун.

РАСУДУВАЊЕ

Св. Иларион Мегленски водел голема борба против богомилите. Еднаш богомилските првенци се собрале кај Иларион и започнале со него препирка за верата. Богомилите учеле дека Бог го создал духовниот свет, а ѓаволот материјалниот. Тогаш Иларион им одговорил дека во ***Светото писмо*** пишува: *Бог е цар над целата земја* (Пс. 46:7), и уште: *Господова е земјата и она што ја исполнува вселената* (Пс. 23:1). Богомилите тврделе дека ***Стариот завет*** е од ѓаволот. Тогаш светителот им одговорил: „Кога ***Стариот завет*** навистина би произлегувал од ѓаволот, зар Христос би рекол: *Прегледајте го Писмото... и тоа сведочи за Мене* (Јн. 5:39). И зар Он би ги признал за најголеми заповеди оние за љубовта кон Бога и кон ближниот, кои некогаш му биле дадени на Мојсеја". Богомилите уште тврделе дека телото Христово е донесено од небото. Иларион им рекол дека кога тоа би било така, тогаш телото Христово не би чувствувало ни глад, ни жед, ни замор, ни страдање, ниту би подлежело на смрт. Богомилите тогаш го изјавиле своето негодување кон крстниот знак што го употребуваат правос-

лавните христијани. Тогаш светителот им одговорил: „А што ќе правите кога на небото ќе се појави знакот на Синот Човечки, Неговиот Крст и кога ќе заплачат сите земни племиња кои не верувале во Крстот?“ И уште им рекол: „Велите дека сето зло е од лоша материја, а меѓутоа не сакате да се поклоните на она Дрво со кое е осветен целиот материјален свет?“

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната сила на апостолските зборови (Дела, 16), и тоа:

1. како Павле и Сила им зборувале на собраните жени крај водата во Филиби;
2. како Господ ѝ го отворил срцето на жената Лидија и таа се крстила, како и целиот нејзин дом.

БЕСЕДА
за позивот на сите христијани да бидат свети

До светиите кои се во Ефес (Ефес. 1:1).

Апостолот ги нарекува свети христијаните во Ефес. Тој не именува еден или двајца за свети, или еден дел од нив, туку сите. Зар тоа не е прекрасно чудо Божјо, луѓето, не во пустината, туку во градот, и тоа во еден идолски и расипнички град, да бидат свети? И да бидат свети женетите луѓе кои раѓаат деца, кои тргуваат и кои работат? Такви навистина биле првите христијани. Нивната преданост, верност и ревност во верата, како и светоста и чистотата на животот, потполно го оправдувала именувањето „светии“. Ако во последните времиња светиите постанале исклучок, во првите времиња, тие што не биле свети, биле исклучок. Светиите биле правило. Всушност, не треба да се чудиме што апостолот ги нарекува сите крстени души во Ефес светии, уште и заради тоа што тој има едно повозвишено име за сите христијани, имено, *синови, синови Божји* (Гал. 4:6). Правото така да се нарекуваме ни го дал самиот Христос Господ кога нè научил да го нарекуваме Бога: „Оче наш!“

О браќа мои, зар не Му говориме на Бога секој ден: „свети Боже?“ Зар ангелите не ги нарекуваме *свети*? Зар Мајката Божја не ја нарекуваме света? И пророците, и апостолите, и мачениците и праведниците? Не го ли нарекуваме небото свето, и царството небесно, свето? Кој може да се всели во светото царство освен светиите? Ако имаме надеж на спасение, имаме надеж и на светост.

О Боже свет, кој живееш во светиња, живееш и почиваш помеѓу светиите, и светите ги повикуваш кај Себе и ги милуваш, помогни ни и нам да се осветиме: во зборовите, во мислите, во делата. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

2 НОЕМВРИ

1. Св. мч. Акиндин, Пигасиј, Анемподист, Афтониј, Елпидифор и други со нив. Христијани од Персија; пострадале за време на царот Сапор (Савориј), во 335 година. Првите тројца биле слуги на дворецот на тој цар, но тајно Му служеле на Христа, својот Господ. Кога биле оптужени и пред царот на суд изведени, царот ги прашал од каде се. Тие одговориле: „Наша татковина и наш живот е Пресветата Троица, едносуштна и неразделна, Отецот и Синот и Св. Дух, едниот Бог“. Царот наредил многу да ги мачат, но тие сè јуначки истрпеле со псалмопеење и молитва на устите. За време на мачењето и на темнувањето, им се јавувале ангели Божји повеќепати, а еднаш и самиот Господ Христос како човек „со светло лице како Сонцето“. Кога еден од мачителите Афтиниј го видел чудото, како зовриеното олово не им наштетува на мачениците, и тој поверувал во Христа и извикнал: „Голем е христијанскиот Бог“. За тоа веднаш бил убиен. И многу други виделе и поверувале. Тогаш царот наредил, та ги сошиле во кожни мевови Акондин, Пигасиј и Анемподист и ги фрлиле во морето. Но од оној свет се јавил св. Афтониј со три светли ангели, ги извадил мачениците на суво и ги ослободил. Елпидифор бил царски велможа. Кога изјавил дека е христијанин и го изобличил царот за убивањето на невините христијани, царот го осудил на смрт. И Елпидифор бил погубен заедно со околу 7000 други христијани. А оние тројца први маченици најпосле биле фрлени во огнена печка со 28 војници и со мајката на царот, бидејќи и

тие верувале во Христа; така, во пламенот ги предале своите праведни души во рацете на својот Господ.

2. Преп. Маркијан Кирски. Од градот Кир во Сирија. Се одликувал, како со благородно потекло, така и со убавина на телото. Сѐ оставил заради Христа и се повлекол во пустината халкидска на отшелнички подвиг. Бил современик на патријархот Флавијан Антиохиски и на царевите Констанциј и Валент. Во неговата келија ноќе светела божествена светлина на која го читал ***Сешошо писмо*** и никогаш немал потреба од друга светлина. Бил голем чудотворец во животот и по смртта. Пред смртта му наредил на својот ученик Евсевиј да го скрие неговото тело и тајно да го закопа заради многуте обожаватели. Се упокоил во Господа во 387 година.

3. Свешт. мч. Викторин, еп. Патавски. Многумина тврдат дека по потекло бил Словенец. Блажен Ероним го истакнува како учен и благочестив маж. Подобро знаел грчки отколку латински. Напишал толкувања на неколку книги од ***Сшариош*** и од ***Новиош завеш.*** Пострадал за Христовата вера околу 303 година.

РАСУДУВАЊЕ

Како ќе се возвиши до љубов кон своите непријатели оној кој ќе ја прекрши љубовта кон своите родители? Љубовта кон своите родители е главно и основно училиште на љубовта. Без тоа училиште не се оди понатаму. Српскиот крал Драгутин станал со војската против својот татко за да седне на неговиот престол. Но потоа, му се случило да ја скрши ногата и тоа ја пробудило неговата совест и не го оставила на мира до неговата смрт. Драгутин се повлекол од престолот и ја отстапил власта на својот помлад брат Милутин, почнал насекаде да дели милостина, да гради цркви и да прави други добри дела. Покрај тоа, и цврсто се подвизувал во тајност. Опашан бил со трска по голото тело и бил облечен во груба вреќа, а ноќе се молел на Бога во еден тајно ископан гроб. И сето тоа го правел тој покаен крал само Бог да му го опрости гревот што немал љубов кон неговиот родител. И Бог му опростил. Многумина свети маченици радосно ги примале своите џелати кои ги барале, ги нагостувале во своите куќи додека тие не се подготвеле за смртта. Да ги нагости своите крвници, зар тоа не е израз на голема

љубов кон своите непријатели? Кога царот Сапор луто го мачел св. Акиндин, Пигасиј и останатите со нив, одеднаш тој се разбеснил и занемел и не можел да зборува, драскајќи се по лицето во својата голема лутина. Кога го видел својот мачител во такво очајание, св. Акиндин почнал да плаче, се помолил на Бога за царот и рекол: „Во името на Исуса Христа, нашиот Господ, проговори!“ И му се одврзал јазикот на царот и тој почнал да зборува. Еве пример на вистинска љубов кон својот непријател!

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната сила на апостолските зборови (Дела, 16), и тоа:

1. како една робинка со нечист маѓеснички дух викала по Павле и по Сила;
2. како св. Павле се свртел и му рекол на духот: *Ти заповедам со името на Исуса Христа, излези од неа*!;
3. како во тој час нечистиот дух излегол од робинката.

БЕСЕДА
за волјата Божја сите христијани да бидат свети

Како што и нè избра преку Него, уште пред светот да се создаде за да бидеме свети и непорочни пред Него во љубовта (Ефес. 1:4).

Единствено Црквата учи и покажува дека прво постоел планот за светот, па потоа бил создаден светот. Тој план бил во мудроста, во волјата и во силата Божја. Бог, според тој план, нас нè избрал *пред создавањето на светот* на светоста и во правдата на љубовта. Бог однапред нè избрал и нè посинил преку Него – преку кого? Преку Господа Исуса Христа, бидејќи сè што сме Му ние на Бога, сето тоа сме преку Исуса Христа. И без Исуса Христа човекот нема никаква врска, никаков однос, никакво сродство со Бога. И нашето избирање и посинување било преку нашиот

Господ Исус Христос. Нас нѐ избрал, Својата света Црква, според угодувањето на Својата волја, како што некогаш го избрал Израилот помеѓу сите народи на земјата. Никој да не вели: „Ова Божјо избирање ја уништува слободната човечка волја, та ни христијанинот нема заслуга што е христијанин, ниту безбожникот е за осуда што е безбожник". Не, тоа е сосема погрешно толкување, бидејќи Бог го избрал Израилот некогаш, па некои во Израилот пропаднале, а некои се спасиле. Он ја избрал и Црквата Своја света, повикувајќи ги во Неа сите народи и сите луѓе. Но дали и кои од избраните и повиканите ќе се спасат, тоа не зависи само од Божјиот избор, туку и од човечката волја и од трудот.

О Боже вечен, Создателу наш, кој си нѐ избрал за спасение пред да нѐ создадеш, помилувај нѐ и спаси нѐ. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

3 НОЕМВРИ

1. Свешт. мч. Акепсим еп. Наесонски и други со него. Осумдесетгодишниот старец Акепсим, исполнет со секаква христијанска добродетел, седел еден ден во својот дом со своите гости. Тогаш некое дете, исполнето со благодатта на Божјиот Дух, притрчало кај стариот епископ, го целивало на главата и му рекло: „Блазе ѝ на оваа глава затоа што ќе прими мачење за Христа!" Ова пророштво наскоро се остварило. Царот Савориј почнал луто гонење на христијаните по цела Персија, та и св. Акепсим бил фатен и бил изведен пред некој маѓеснички кнез. Кон фатениот и врзаниот епископ пристапил некој од неговите домашни и го прашал што заповеда во врска со домот? Светителот му одговорил: „Тоа повеќе не е мој дом, јас одам бесповратно во вишниот дом". По големите маки, бил фрлен во затвор каде што утредента биле доведени и Јосиф, презвитер и старец од 70 години, и ѓаконот Аитал. По тригодишен затвор и многу маки, на Акепсим му ја отсекле главата, а Јосиф и Аитал ги закопале до колкови во земја и бездушниците им наредиле на христијаните да ги удираат со камења. Телото на Јосиф, по Божја промисла, во ноќта го снемало, а над телото на Аитал израснало дрво „марсин" што исцелувало секаква болест и секаква мака на луѓето. И така, тоа траело 5 години, па тогаш злобните и завидливите незнабожци го

пресекле дрвото. Овие Христови војници пострадале во IV век во Персија, за време на царот Савориј.

2. Св. вмч. Георгиј. На овој ден се празнува пренесувањето на моштите на св. Георгиј од Никомидија во градот Лид Палестински, каде што пострадал во времето на царот Диоклецијан. Страдањето на овој прекрасен светител е опишано на 23 април. Пред својата смрт, св. Георгиј го замолил својот слуга да му го земе телото по смртта и да му го пренесе во Палестина; од каде што била и мајка му и каде што имал голем имот, кој го раздал на сиромасите. Слугата така и направил. Во времето на царот Константин во Лид бил ѕидан прекрасен храм на св. Георгиј од страна на побожните христијани, па при осветувањето на тој храм светителовите мошти биле пренесени во него и овде биле погребени. Безбројни чуда се случиле од чудотворните мошти на св. Георгиј, Христовиот великомаченик.

3. Преп. Илија Египетски. Се подвизувал во близина на Антино, главниот град на Тиваида. Седумдесет години проживеал во суров и непристапен предел во пустината. Се хранел само со леб и со урми, а додека бил млад постел по цела недела. Ги исцелувал сите маки и болести кај луѓето. Целиот се тресел од старост. Се упокоил во 110. година од животот и се преселил во радоста на својот Господ. „Чувајте го вашиот ум од нечисти мисли за ближните, знаејќи дека нив ги нафрлуваат демоните, со цел да го оддалечат умот од согледување на своите гревови и од упатување кон Бога“.

РАСУДУВАЊЕ

Помеѓу многубројните чуда за св. Георгиј, се раскажува за едно вака. На островот Митилен имало црква на св. Георгиј великомаченик и победоносец. Жителите на целиот остров се собирале кај таа црква за годишниот свечен празник на црквата. Кога разбрале за ова Сарацените од Крит, нападнале една година на празникот на тој остров, заплениле и поробиле сè и се вратиле на Крит. Во таа прилика било заробено и едно убаво момче, кое пиратите му го подариле на својот кнез на Крит. Кнезот го примил и го поставил за одговорен на својата трпезарија. Родителите на момчето многу тагувале по својот син. Кога поминала една година и пак дошол денот на св. Георгиј, тогаш тажните родители, по

стариот обичај, ја поставувале трпезата и ги нагостувале многубројните гости. Сеќавајќи се на својот син, кутрата мајка отишла пред иконата на светецот, паднала на земја и почнала да го моли св. Георгија како знае да го избави нејзиниот син од ропство. После тоа, таа се вратила кај гостите на трпезата. Тогаш домаќинот ја подигнал чашата и се напил во слава на св. Георгиј. Во тој момент нивниот син се нашол помеѓу нив, држејќи во раката едно шишенце со вино. Кога сите го прашале, со изненадување и со страв, од каде и како се нашол тука, момчето одговорило, дека токму кога сакал да го послужи својот господар со вино на Крит, пред него се појавил некој витез на коњ, го зел со себе на коњот и го пренесол во домот на неговите родители. Сите се зачудиле и го прославиле Бога и неговиот чуден светија Георгиј, војводата и победоносецот.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното избавување на Павле и Сила од затворот (Дела, 16), и тоа:

1. како овие свети апостоли биле фрлени во најдолниот затвор, а нозете им биле ставени во окови;

2. како на полноќ тие биле на молитва фалејќи го Бога;

3. како земјата се затресла, оковите со кои биле оковани им испаднале, а затворската врата се отворила.

БЕСЕДА
за Христа како глава на сите светии

За да се соедини сè небесно и земно под една глава – во Христа (Ефес. 1:10).

Гревот избезумува, гревот обезглавува. Човек потонат во гревови и во пороци сличен е на кокошка, чија глава е отсечена, та умирајќи грчевито прета и скока ваму–таму. Целиот безбожен свет пред Христа Господа претставува обезглавена маса, која во грчеви умира. Христос ја составил отсечената глава со темниот труп и го оживеал телото на

родот човечки. Он е глава на небесното воинство и Он тоа никогаш не престанал да биде. А како творечко Божјо слово, Он бил прво и глава и сè на создадениот видлив свет, посебно на родот човечки. Но со гревот како со меч грешниот Адам го одделил трупот од главата. Овоплотувајќи се на земјата Господ ги помирил земјата и небото, спуштајќи го небото кон земјата и издигнувајќи ја земјата кон небото и ставајќи сè под Својот ум, под Својата глава. Преку Христос ние сме смирени со Светата Троица и со Божјите ангели и еден со друг и со создадената природа околу себе. Најдена е изгубената глава и сè хармонично се наместило под неа. *Ние имаме ум Христов*, вели апостолот. Што е главата на телесниот човек, тоа е умот на духовниот човек, внатрешниот. Ако сме Христови, значи треба да мислиме и да судиме со Христа како глава – за сè само со Него и преку Него да мислиме и да судиме. А мислејќи и судејќи со Него, ние ќе се чувствуваме како органи на едно тело со останатите луѓе и со ангелите, едно тело, на кое главата му е Христос. Оттука се разгорува нашата љубов кон Бога и се засилува нашата вера и се осветлува нашата надеж. Само заспаното тело не ја чувствува врската со својата глава. Да се пробудиме, браќа мои, да се пробудиме навреме.

Господи Исусе Христе, наша Главо сеумна, соедини нè со Себе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

4 НОЕМВРИ

1. Преп. Јоаникиј Велики. Овој голем духовен светилник се родил во селото Марикати во Витиниската област, од татко Миритрикиј и мајка Анастасија. Како дете ги пасел овците. Пасејќи ги овците, тој честопати се повлекувал во самотија и по цел ден стоел на молитва, оградувајќи го своето стадо со крстниот знак за да не се оддалечува и распрснува. Потоа бил земен во војска. Таму покажал голема храброст, посебно во војните против Бугарите. По војничката служба, Јоаникиј се повлекол на Олимп азиски, каде што се замонашил и се предал на подвиг, од што не отстапувал до длабоката старост, па сè до својата смрт. Се подвизувал повеќе од 50 години, и тоа на разни места. Имал од Бога многу обилен дар на чудотворство: ги лекувал сите болести и маки, изгонувал демони, скротувал ѕверови, по-

себно имал власт над змиите, преминувал преку вода како по суво, станувал невидлив за луѓето кога тоа ќе го посакал, прорекувал идни случаи. Се одликувал со преголема смиреност и со кроткост. По надворешен изглед бил како џин, крупен и силен. Зел живо учество во судбината на Божјата црква. Во времето на иконоборството најнапред и тој се прелагал, но потоа се тргнал и постанал огнен поборник за почитување на иконите. Имал и големо пријателство со Методиј, патријархот Цариградски. Јоаникиј поживеал 94 години и мирно се упокоил во Господа во 846 година. Пред и по смртта бил голем чудотворец.

2. Свешт. мч. Никандр еп. Мирски и Ермеј презвитер. И двајцата биле ракоположени од апостолот Тит. Се одликувале со голема ревност во верата и големо трудољубие во придобивањето на незнабожците за Христа Господа. Заради тоа биле оптужени кај некој судија Ливаниј, кој ги ставил на лути маки. Биле тепани со камења и влечени по камењата; биле затворани и гладувале и многу други маки претрпеле кои смртен човек не би можел да ги претрпи без посебна Божја помош. А на нив Господ им се јавувал на разни начини и им испратил Свој ангел кога биле фрлени во огнена печка, та ангелот им го разладил огнот. Прво од бездушните мачители биле живи во гробовите закопани и со земја затрупани. Но залудно луѓето убиваат кога Господ оживува; залудно обесчестуваат кога Господ прославува.

РАСУДУВАЊЕ

Милоста е плод на верата. Таму каде што има вистинска вера, има и вистинска милост. Св. Јоаникиј поминувал еднаш покрај еден женски манастир, во кој меѓу многуте монахињи, имало и некоја мајка со ќерка. Лошите духови со телесно искушение ја нападнале младата ќерка и ја разгореле блудната страст кај неа во толкава мерка што таа посакала да си оди од манастирот и да се омажи. Залудно мајката ја советувала да остане. Ќерката не сакала ни да чуе. Кога мајката го видела св. Јоаникиј, таа го замолила и тој да ја посоветува нејзината ќерка да не си оди од манастирот и да не ја изложува својата душа на погибел. Јоаникиј ја повикал девицата и ѝ рекол: „Ќерко, стави ја твојата рака на моето рамо!“ Девицата така направила. Тогаш светителот милосрдно се помолил на Бога во срцето Бог да ја избави деви-

цата од искушенијата и нејзината телесна страст да премине на него. Така и се случило. Девицата потполно се смирила и останала во манастирот, а светителот Божји си отишол по својот пат. Но одејќи, се разгорела во него страсната желба и сета крв му зоврела како во оган. Тој посакал побрзо да умре отколку да ѝ даде волја на страста. Па кога во близината видел некаква голема змија, ѝ притрчал за да го касне и од каснувањето да умре. Но змијата не сакала да го касне. Тој почнал да ја раздразнува за да го касне, но штом се допрел до неа, змијата цркнала. Во тој час и пламенот на страста исчезнал од Јоаникија.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Господовото јавување на Павле во ноќно привидение (Дела, 18), и тоа:

1. како Господ му се јавил на Павле во Коринт во ноќно привидение;

2. како му рекол да не се плаши, туку да проповеда зашто вели: *Имам многу народ во овој град* ;

3. какò Павле послушал и останал овде една и пол година.

БЕСЕДА
за наследниците на царството преку Христа Исуса

Преку Него ние бевме избрани за наследници (Ефес. 1:11).

Сѐ од Господа Исуса Христа, сѐ преку Господа Исуса Христа, сѐ на Господа Исуса Христа. Без Него ние немаме правилна врска ниту нормално општење ни со Бога, ни со луѓето, ни со другите созданија. Он е наша глава, Он е наш ум. Преку него и постанавме наследници. На што наследници? На Царството Божјо. Зошто христијаните често во ***Новиот завет*** се нарекуваат наследници? Наследството секогаш е поврзано се нечија смрт. Треба еден да умре за другиот да наследи. Христијаните уште во овој живот постануваат наследници, бидејќи во нив умира стариот човек, а на негово место доаѓа како наследник новиот човек. Оној кој-

што надживува, тој и наследува. Кога ќе умре телото, душата го надживува; значи душата го наследува сето тоа што човекот во телото го собрал, дали добри дела за спасение или лоши дела за осуда. Преку Господа Исуса Христа нам уште ни се отвори и ова наследство што самиот Господ го ужива, т.е. бесмртното царство Божјо. Тоа царство ќе го наследиме тогаш кога ќе го оставиме земното царство; кога ќе умреме за земјата, ќе го наследиме небото; кога ќе го раскинеме сојузот со сатаната, ќе бидеме наследници Христови. О браќа мои, помислете какво богато наследство нè очекува! Само да не го продадеме така евтино како Исав своето старешинство!

О Господи Исусе Христе, Боже наш и Спасителу наш, смилувај се на нас до крајот и спаси нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

5 НОЕМВРИ

1. Преп. мч. Галактион и Епистима. Родени во градот Едес во Феникија, двајцата од незнабожечки родители. Мајката на Галактион била неродилка сè додека не била крстена. Потоа таа го вовела и својот маж во вистинската вера, го крстила и го воспитала во христијанската вера и својот син Галактион. Кога Галактион стасал за женидба, добрата мајка Левкипија му починала, а татко му за него прстенувал некоја девица Епистима. Галактион не сакал никако да стапи во брак, па прво ја посоветувал Епистима да се крсти и потоа да се замонаши во исто време со него. И двајцата се оддалечиле на гората Пуплион, Галактион во машки, а Епистима во женски манастир. И секој од нив двајцата се покажал во својот манастир како вистинско светило. Први во трудот, први во молитвата, први во смирението и послушноста, први во љубовта. Од манастирите не излегувале, ниту еден со друг се виделе повеќе, освен пред смртта. Настанало страшно гонење и нив двајцата ги изведе пред суд. И кога Галактион го камшикувале немилосрдно, Епистима плачела. Тогаш и неа ја камшикувале. Потоа им ги отсекле рацете, па нозете и најпосле и главите. Нивните тела ги зел Евтолиј и чесно го погребал. А тој Евтолиј бил прво роб на родителите на Епистима, а потоа бил монах заедно со Галактион. Тој и го напишал житието на овие прекрасни Христо-

ви маченици, кои пострадале и венци на небото примиле во 253 година.

2. Св. апостоли Патров, Ерма, Лин, Гај и Филолог. Биле од седумдесетте апостоли. Патров бил епископ во Неапол, Ерма во Филипопол (Рим. 16:14), Лин во Рим (II Тим. 4:21), Гај во Ефес (Рим. 16:23) и Филолог во Синопа (Рим. 16:15). Сите со љубов го исполниле законот Христов и се преселиле во царството Христово.

3. Св. Јона архиепископ Новгородски. Роден е во Новгород и рано останал сираче. Некоја богобојажлива вдовица го зела и го воспитала. Кога го видел уште како дете, Михаил Клопски, безумен заради Хирста, му рекол пророчки: „Иванушка, учи се прилежно, бидејќи ќе бидеш архиепископ во овој голем Новгород“. И навистина, подоцна, по смртта на архиепископот Ефтимиј, Јона бил избран и посветен на неговото место. Јона бил благочестив и милостив како ретко кој друг смртен човек. Подигал цркви и манастири и пастирствувал како вистински добар пастир. Му била понудена и столицата за митрополит Московски. Но тој ја одбил со изговор дека е стар. Мирно се упокоил на 5 ноември 1570 година и се преселил во радосната небеска обител. Сто години по неговата смрт, имало голем пожар во Новгород. Иако биле во средината на пожарот, моштите на овој светител не изгореле, туку напротив, почнале потоа да пројавуваат исцелителна сила и да испуштаат благопријатен мирис.

РАСУДУВАЊЕ

Што е сенката наспроти стварноста и уште помалку, тоа е телесната љубов кон духовната љубов. Братството и сестринството по крв и тело не е ништо кога ќе се спореди со братството и сестринството по духот. Таткото Галактиона го прстенувал со девицата Епистима. Галактион ја крстил Епистима и потоа и двајцата се замонашиле. Телесната љубов кај нив била заменета со духовна љубов, силна како смртта. Галактионовата духовна љубов кон Епистима била толку голема што тој не сакал никогаш да ја види со телесните очи. Затоа што за духовната љубов не е потребно ни тело, ни средба. Толкава, пак, била духовната љубов на Епистима кон Галактион што кога таа слушнала дека Галактиона го одвеле на мачење, и самата потрчала по него, молејќи го да не ја отфрла, туку како духовен отец и брат да ја

прими во заедничко мачење. И кога бездушните мачители го камшикувале светиот Галактион по голото тело, света Епистима плачела. Кога пак им ги сечеле рацете и нозете за Христа, и двајцата се радувале и Го прославувале Бога. Толкава била силата на љубовта нивна кон Христа Господа и толкава била нивната меѓусебна духовна љубов со која тие се љубеле. Навистина телесната љубов е како шарена пеперутка што брзо поминува, а духовната љубов е трајна.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното дејство на Светиот Дух на крстените (Дела, 19), и тоа:

1. како Павле кога дошол во Ефес видел крстени луѓе со Јованово крштавање на покајание;
2. како тој ставил раце на нив и Св. Дух слегол на нив;
3. како се исполниле со сила и говореле јазици и пророкувале.

БЕСЕДА
за воздигнување на човекот
преку воскреснатиот Христос

Повисоко од секое началство, власт, сила и господарство и од секое име, со кое се именуваат не само во овој свет, туку и во идниот (Ефес. 1:21).

Еве ја височината до која Бог го возвишил човечкото битие! Бидејќи овде не станува збор за божествената природа Христова, туку за човечката, не се зборува за вечното Слово Божјо, туку за Човекот Исус, кого Бог го воскреснал од мртвите и го воздигнал, не само над сиот овој видлив и смртен свет, туку и над невидливиот и бесмртниот, над сите ангелски чинови и небесни власти, над секаква јавена и нејавена чудна ерархија небесна, над секое создадено битие, познато или непознато, и над секое име во двата света, во материјалниот и во духовниот. Гледате ли, браќа, како нашиот преславен Создател го исполнил Своето ветување да-

дено на Адама, изгонетиот од Рајот, и уште појасно повторено на Аврама, и уште многу појасно повторено преку пророците и Давида! Гледате ли, како Господ Саваот почнал да го прославува човечкиот род, прославувајќи го човекот Исус, во кого било овоплотено и божеството на Бога, Синот Божји? Како првенец на славата, првин Него го прославил, па потоа со ред сите оние кои се вброиле во Негови и со благодатта на Светиот Дух за вечна слава го назначил и во Книгата на животот ги запишал. Црквата залудно не ѝ пее на Мајката Божја: „Почесна од херувимите и пославна од серафимите". Таму каде што се возвишил воскреснатиот Господ, таму се возвишила и Неговата Пресвета Богомајка, како и Неговите свети апостоли, според Неговите зборови кон Својот Отец небесен: *Оче, сакам и оние шѿо си ми ѓи дал да бидаѿ со Мене каде шѿо сум Јас* (Јн. 17:24).

Таква недогледна е последицата од слегувањето на Бога на земјата. Таков е неискажан и плодот на Неговите страдања.

О Господи Исусе Христе, Спасителу наш, рамен само на Својот Отец и на Светиот Дух, помогни ни до крај да се извлечеме од длабочината на смрдливите гревови и од чудното безумие. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

6 НОЕМВРИ

1. Св. Павле Исповедник патријарх Цариградски. Кога блажениот патријарх Александар лежел на смртната постела, натажените верници го прашале кого го остава по себе за архипастир на словесното Христово стадо? Тогаш болниот патријарх им одговорил: „Ако сакате да имате пастир кој ќе ве учи и кој ќе ви свети со добродетелите, изберете го Павле; ако ли пак сакате само да имате личен човек и однадвор украсен, изберете го Македониј". Народот го избрал Павлета. Тоа не им се допаднало на еретиците, ариевци и не му било право ни на царот Констанциј, кој во тоа време бил во Антиохија. Наскоро Павле бил симнат од патријаршискиот трон и заедно со св. Атанасиј Велики избегал во Рим каде што и двајцата папата Јулиј и царот Констанс убаво ги примиле и ги поддржале во нивната православна вера. По писмото од царот Констанс и од папата, Павле бил вратен на престолот, но кога умрел царот Констанс, ариевците

ја дигнале главата и го протерале православниот патријарх во Кукуз, во Ерменија. Св. Павле, служејќи еднаш света литургија во прогонство, бил нападнат од ариевците и го удавиле со омофорот во 351 година. Во времето на царот Теодосиј, во 381 година, неговите мошти се пренесени во Цариград, а во 1236 година во Венеција, каде што се наоѓаат и сега. И неговите сакани клирици и секретари Маркијан и Мартириј наскоро по својот патријарх пострадале (види, 25 октомври).

2. Преп. Варлам Хутински чудотворец. Роден и воспитан како христијанин во големиот Новгород. По смртта на своите родители, се замонашил и се предал на тежок подвиг. Основал манастир на реката Волхова, на местото каде што му се покажала небесна светлина. И во животот и по смртта бил голем чудотворец, јасно гледајќи човечки тајни, изгонувајќи нечисти духови и лекувајќи секаква болест кај луѓето. Слугата на кнезот Василиј Василевич бил тешко болен, па замолил да го однесат на гробот на св. Варлам. Уште наредил, ако по патот почине, и мртов да го однесат кај светителот. Така и се случило. Тој умрел по пат, но и мртов го однесле во манастирот каде што оживеал, станал и се поклонил на гробот на светителот. Во 1471 година царот Иван Грозни наредил да го откопаат гробот на светителот. Штотуку почнале да копаат, се кренал пламен од гробот и сè се запалило наоколу. Царот толку се исплашил што побегнал од храмот и во брзината го заборавил својот стап, кој и денес се чува крај гробот на светителот. Во спомен на ова чудо, повторно се празнува св. Варлам во петокот по Неделата на Сите светии.

3. Спомен на паѓањето на пепел од воздухот. Ова се случило во Цариград во 472 година (според грчкиот *Синаксар*, во 475 година), за време на царот Лав Велики и патријархот Генадиј.

РАСУДУВАЊЕ

Кога Бог може да извлече вода од каменот заради утеха на луѓето, Он може и оган да пушти од небото заради казна. Судбината на Содома и Гомора претставува класичен пример на Божја казна над закоравените грешници. Дека Бог може оваа казна да ја повтори и на друго место покажал Он над Цариград во времето на царот Лав Велики и патри-

јархот Генадиј во 472 година. Таа година на 6 ноември, напладне, одеднаш небото се помрачило од густи и црни облаци од кои се стемнило над земјата. Тие облаци овде–онде биле како со оган зажарени, па повторно се помрачувале. Оваа појава над Цариград траела цели 40 дена. Исплашениот народ прибегнал кон покајание и молитва, и заедно со царот и со патријархот оделе на литија низ улиците од црква во црква и со плач и воздишки се молеле на Бога. Последниот ден од облаците почнало да паѓа топла и црна пепел, и паѓало како дожд од вечерта, па до полноќ и потоа престанало. Утредента осамнал чист и ведар ден, но сивата пепел лежела на земјата колку една педа. Со голем труд луѓето ги очистиле своите домови и улиците од таа пепел, но сите посеви на нивите неповратно пропаднале. И секој кој имал разум разбрал и осетил дека таа појава е казна Божја, и тоа ублажена казна заради брзото покајание на народот пред Господа Бога. А ако немало такво брзо покајание народно за своите гревови, големи и натрупани, којзнае што во тие денови ќе се случело со Цариград. Но стигнало благовремено грешничкото покајание и дошле молитвите кон Пресвета Богородица и многубројните светители и маченици цариградски, та казната била многу ублажена.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната сила на исцелување што излегувала од апостолот Павле (Дела, 19), и тоа:

1. како луѓето носеле негови чалми и убруси и ги ставале на болните;

2. како сите болни оздравувале, а лошите духови од луѓето бегале;

3. како се остварил зборот на Спасителот дека оној кој верува во Него, ќе може да прави и поголеми чуда од Него (Јн. 14:12).

БЕСЕДА
за главата на Црквата
и телото Христово

И Го постави за глава над сите во Црквата, која е Негово тело (Ефес. 1: 22–23).

Обезглавеното човештво се здобило со глава во Господа Исуса, воскреснатиот од мртвите. Одвоеното тело од главата почнало да се прилепува кон својата глава, дел по дел, член по член. Не се сите луѓе тело, туку тие што веруваат во Христа Господа, сите се повикани, но само тие што ќе дојдат се примаат под Главата. Тие што ќе дојдат, го сочинуваат телото што се вика Црква и на која Господ е глава. Па како што воскреснатиот и прославениот човек Исус бил воздигнат од страна на Светата Троица над сите и над сè на земјата и на небото, така и Неговата Црква, телото Негово ќе биде воздигнато до својата Глава, т.е. над сите и над сè. Целата Црква заедно со Главата своја ќе стои од десната страна на Светата Троица, зашто каде што е главата тука е и телото. До таква височина, величина и слава ќе се воздигнат искупените и покајаните грешници, некогаш Божји непријатели, заблудени како блудниот син и обезглавени како умртвено тело, а сега восиновени преку Христа и заради Христа, и облечени во убавината на божествениот живот и сјајот. Бидејќи голема работа е, браќа, овоплотувањето на Синот Божји на земјата и Неговото страдање на крстот и смртта заради нас. Неговата посета на земјата донесла огромна промена во судбината на луѓето, во смисла на сите работи. Он сè променил и сè направил ново. Затоа, браќа, да не живееме и да не се однесуваме како стариот човек, туку како новиот, да не живееме во грев, туку во правда, да не се владееме по телото, туку по духот за да се удостоиме на онаа височина, величина и слава на која сме повикани од нашата Глава.

О Господи Исусе, Главо на светот и на Светата Црква, удостој нè нас вечно да бидеме членови на Твоето пречисто тело. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

7 НОЕМВРИ

1. Св. мч. Јерон со дружината. Роден во градот Тијана кападокиска од добра и благочестива мајка Стратоника, која биле слепа. Јерон бил многу ревносен христијанин и со голема синовска љубов ѝ служел на својата слепа мајка. Од тие две причини не сакал да оди во војска, туку ги истепал и ги избркал оние кои биле испратени да го земат. На Јерон му било жал да ја остави својата беспомошна слепа мајка и тешко му било и да помисли дека како војник ќе биде присилен да се поклонува и да принесува жртви на идолите. Најпосле Јерон бил фатен и уште со неколку христијани бил одведен при кнезот во градот Мелитин. На патот, една ноќ некој му се јавил на Јерон во бела облека и му рекол: „Еве, Јероне, ти го јавувам спасението: нема да војуваш за земниот цар, туку за небесниот Цар ќе го извршиш подвигот и скоро кон Него ќе преминеш за да примиш од Него чест и слава". Од таа вест му се исполнило срцето на Јерон со нескажана радост. Кога стигнале во Мелитин, сите биле фрлени во затвор. Овде Јерон со голем жар ги утврдувал во верата сите затвореници, молејќи ги никој да не отпадне, туку сите доброволно да ги предадат своите тела на маки и на смрт за Христа. Пред кнезот сите едногласно изјавиле дека веруваат во Христа Господа, само еден роднина на Јерон, по име Виктор, отпаднал од верата. На Јерон му ја пресекле раката, па бил камшикуван и на разни начини бил мачен, додека најпосле, заедно со останатите, не бил со меч погубен. Одејќи на губилиштето, 33–те маченици го пееле псалмот: *Блажени се непорочните на патот одејќи по законот Божји.* Да ги спомeнеме и по име овие чесни маченици, чии имиња се запишани во ***Книгата на Животот***: Исихиј, Никандр, Атанасиј, Мамант, Варахиј, Калиник, Теоген, Никон, Лонгин, Теодор, Валериј, Ксант, Теодул, Калимах, Евгениј, Теодох, Острихиј, Епифаниј, Максимијан, Дулкитиј, Клавдијан, Теофил, Гигантиј, Доротеј, Теодор, Кастрихиј, Аникинт, Темелиј, Евтихиј, Иларион, Лиодот, и Амонит. Некој Хрисант ја откупил главата на Јерон и чесно ја погребал и подоцна над неа подигнал црква во име на св. Јерон. А отсечената рака на маченикот ѝ била однесена на неговата слепа мајка. Јерон пострадал со дружината во 298 година и преминал во славата Христова.

2. Св. мч-ка Тесалоникија со Авкт и Таврион. Оваа девица била ќерка на некој идолски гаталец Клеон, чо-

век богат и лош. Заради верата во Христа, татко ѝ ја истерал од домот и од градот. Двајца чесни граѓани, Авкт и Таврион, го укориле Клеона заради нечовечкото однесување кон својата ќерка, заради што тој ги оптужил како христијани. Тие биле луто мачени и за Христа убиени. Потоа Тесалоникија била мачена и убиена. Пострадале во Македонскиот град Амфипол, кај сегашна Кавала. И така, овие маченици со удостоиле за бесмртното царство со своето чесно страдање.

3. Преп. Лазар Галасиски. Столб од светлина се јавил над куќата каде што се родил тој. Од ова село, Магнезија, отишол во Ерусалим на поклонение на светињите и таму се замонашил во манастирот на св. Сава Освештен. По 10 години, се населил во Галилејската Гора и се подвизувал на столб како столпник. Чудотворец и во животот и по смртта. Големо почитување кон него имал царот Константин Мономах. Во староста свети Лазар се преселил во вечноста, кон крајот на XI век.

РАСУДУВАЊЕ

Во животот има решавачки моменти од кои на човекот му зависи вечниот живот или вечната смрт. Ние не знаеме кога дошол за нас тој решавачки момент – можеби веќе денес пристигнал – заради што мораме непрестајно да стражариме. Со св. Јерон бил фатен и некој негов роднина Виктор. Во предвечерието на денот на мачењето, Виктор се исплашил од маките што му престојат, па отишол кај затворскиот надзорник и го замолил да го избрише неговото име од списокот на оптужените и да го ослободи, ветувајќи му дека за тоа ќе му ја даде својата земја. Надзорникот го избришал и го пуштил. Враќајќи се дома, Виктор ненадејно умрел од природна смрт, во исто време кога од маките заради Христа и св. Јерон со дружината биле убиени. И така, Виктор го пропуштил залудно решавачкиот момент, ја изгубил својата земја, ги изгубил своите пријатели, ги изгубил двата живота, земниот и небесниот. А Јерон во тој решавачки момент добил сè. За телото на Виктор никој не се интересирал, додека за телото на Јерон многумина се грабале. Кога христијаните ја побарале од кнезот главата на Јерон, кнезот побарал за неа толку злато колку што била таа тешка. Некој Хрисант, богат и благочестив, платил толку злато

за чесната глава на маченикот. Антониј и Матронијан од кнезот ја скриле отсечената рака на свети Јерон и ја однесле на неговата слепа мајка Стратоника. Мајката ја зела раката на својот син и горко заплакала: „О сакан сине мој, јас те родив цел, а сега имам само еден дел од тебе!“

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за лошата сила на лошиот дух над оној кој Нему му служи (Дела, 19), и тоа:

1. како седум Евреи пробале и тие, слично на Павлета, да изгонуваат духови за награда од луѓето;

2. како лошиот дух одговорил: *Исуса Го йознавам, и Павлеша го знам, а вие кои сше*?;

3. како човекот со лош дух им скокнал и сакал да ги задави.

БЕСЕДА
за темните патишта
на човештвото пред и по Христа

> *Во кои живеевше некогаш сйоред живошош на овој свеш, согласно со кнезош на воздухош, односно на духош, кој сега дејсшвува во синовише на безвериешо* (Ефес. 2:2).

Сето тоа е еден ист пат – пат во пропаст. *Сйоред живошош на овој свеш*, значи според гревовниот стремеж; *согласно со кнезош на воздухош*, значи според волјата на старешината на оние демони *кои йресшојуваат во воздухош*, односно *на духош кој сега дејсшвува во синовише на безвериешо* а кое значи дека како што сега живеат богопротивниците и богоборците, живееле сите луѓе пред Христовото доаѓање, па и оние на кои апостолот им го испратил посланието. Кој е кнезот на воздухот, браќа? Тоа е чинот на лошите духови што се наоѓаат во непрестајно колебање во воздухот. Тие го прават воздухот како тло и тие ги застануваат душите на умрените кои се качуваат на небото. Тие го соблазнуваат човековиот дух на секое зло, тие го дразнат на секаков

грев, не присилуваат бидејќи за тоа немаат сила, туку само соблазнуваат и раздразнуваат. На незнабожците тие дејствувале посилно и понепосредно отколку на израилскиот народ. Паднале врз незнабожците како рој муви над мрша, а на Израилот дејствувале од далеку соблазнувајќи и раздразнувајќи го. Зашто, заради името Божјо кое било овде чувано, тие стоеле подалеку од Израилот. Христос Господ сите ги разбил, им ја извадил отровната осилка, така што тие останале само како празни плашила, како бедни непостојани сенки што веднаш изчезнуваат при споменувањето на името Христово или при знакот на крстот Христов.

О Господи Исусе, наш војводо и ослободителу наш, помогни ни да живееме во Твојата слобода. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

8 НОЕМВРИ

Св. Архистратиг Михаил и останатите бестелесни небесни сили. Ангелите Божји луѓето ги празнувале уште од далечно старо време. Но тоа празнување често се променувало во обожување на ангелите (IV Цар. 23:5). Еретиците сешто раскажувале за ангелите. Некои од нив во ангелите гледале богови; други, иако не ги сметале за богови, ги нарекувале создатели на целиот видлив свет. Лаодикискиот помесен собор, кој бил 4 или 5 години пред I вселенски собор, со своето 35. правило го отфрлил поклонувањето на ангелите како на богови и востановил правилно почитување на ангелите. Во времето, пак, на Силвестер, папа римски и Александар, патријарх Александриски (од IV век) бил востановен овој празник на Архистратиг Михаил и останатите небесни сили во месецот ноември. Зошто токму во ноември? Затоа што ноември претставува деветти месец по месецот март. Во месецот март се смета дека било создавањето на светот. А деветтиот месец по март е земен заради деветте ангелски чинови што се прво создадени. Св. Дионисиј Ареопагит, ученик на апостолот Павле, оној апостол којшто се воздигнал до третото небо, ги опишал овие 9 чинови во книгата ***За небесната ерархија***. Тие чинови се следните: шестокрилни серафими, многуочити херувими и богоносни престоли, господства, сили и власти, началства, архангели и ангели. Војвода на целата ангелска војска е архистратиг Ми-

хаил. Кога сатаната Луцифер отпаднал од Бога и со себе повлекол во пропаст еден дел од ангелите, тогаш Михаил станал и извикнал пред неотпаднатите ангели: *Да внимаваме! Да застанеме добро, да стоиме со страв*! И сите небесни војски на верните ангели громогласно запеале: *Свет, свет, свет е Господ Саваот, полни се небесата и земјата со Твојата слава* (види, за архангел Михаил, Исус Н. 5:13–15; св. Јуда 9). Помеѓу ангелите владее совршено едномислие, еднодушност и љубов, а покрај тоа уште и послушност на нижите чинови кон повисоките и сите заедно кон светата Божја волја. Секој народ има свој ангел чувар, а освен тоа и секој христијанин има свој ангел чувар. Потребно е секогаш да се потсетуваме што и да правиме, јавно или тајно, дека тоа го правиме во присуство на својот ангел чувар. А на денот на Страшниот Суд ќе се соберат огромно мноштво небесни свети ангели околу престолот Христов и пред сите нив ќе бидат објавени делата, зборовите и помислите на секој човек. Бог да нѐ помилува и да нѐ спаси по молитвите на св. архистратиг Михаил и останатите бестелесни небесни сили. Амин.

РАСУДУВАЊЕ

Дека Божјите ангели непрестајно општат со овој свет за тоа сведочи ***Светото. писмо*** јасно и непобитно. Нешто од ***Светото писмо***, нешто од ***Св. предание***, православната црква дознала за имињата на седумте ангелски сили, и тоа: Михаил, Гаврил, Рафаил, Урил, Салатил, Јегудил, Варахил (покрај тоа некои го споменуваат и осмиот – Јеремил). Михаил на еврејски јазик значи: „кој е како Бог“, или, „кој е рамен на Бога?“ Св. Михаил е претставен уште од првите христијански времиња како војвода, кој во десната рака држи копје, со кое го потпира Луцифер, сатаната, а во левата има палмова зелена гранка. На врвот на копјето има платнена панделка со црвен крст. Архангел Михаил се смета посебно за чувар на православната вера, борец против верските ереси. Св. Гаврил значи – „маж Божји“, или „Божја крепост“. Тој е благовестител на Божјите тајни, посебно на тајната богооводлотување и сите останати тајни што се во врска со неа. Насликан е вака: во десната рака држи фенер со запалена свеќа внатре, а во левата држи огледало од зелен камен јаспис. Огледалото ја означува премудроста Божја ка-

ко скриена тајна. Св. Рафаил значи „исцелување Божјо“, или „Бог исцелител“ (Тов. 3:17; 12:15). Се претставува вака: со десната рака го води Товиј, кој носи риба фатена во реката Тигар, а во левата држи лекарски алабастер. Св. Урил – „оган“ или „светлина Божја“ (III Ездра 3:1: 5:20). Се слика вака: со десната рака држи меч против Персијанците, во левата огнен пламен. Св. Салатил значи „молитвеник Божји“ (III Ездра, 5:16). Нацртан е со наведнато лице и очи, а рацете ги држи на градите како на молитва. Св. Јегудил – „прославувач на Бога“. Се црта како во десната рака држи златен венец, а во левата троен камшик. Св. Варахил – „благослов Божји“. Се слика вака: во градите носи бели ружи. Јеремил – „возвишување Божјо“ (III Ездра 4:36). Се почитува како надахнувач и поттикнувач на возвишени помисли што човекот го воздигаат кон Бога.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното оживување на Евтих од апостолот Павле (Дела, 20), и тоа:

1. како Павле ноќе проповедал во една куќа во Троада;
2. како момчето Евтих задремало и паднало од прозорецот на третиот кат и било мртво;
3. како Павле слегол, го прегрнал и му го вратил животот.

БЕСЕДА
за тоа како Христос ги оживеал луѓето умртвени со гревот

Иако бевме мртви поради гревовите наши, нѐ оживеа со Христа (Ефес. 2:5).

Бог првин Христа Го оживел, првин Него како човек го подигнал од гробот. А Христос е наша глава. За да воскресне целиот род на верници, првин требало да воскресне главата. Кога воскреснала главата, тогаш било осигурено воскресението и на целото тело заедно со сите органи на телото. Затоа апостол Павле говори за нашето воскреснување

и прославување како за завршена работа. Бог и нас и нив ги воскреснал и ги поставил на небесата во Христа Исуса. Со Христа заедно, како човек, Бог нè воскресна и нас кои пред тоа бевме мртви од гревовите, умртвени од гревовите. И не само што не удостоил со воскреснувањето заедно со Христа Господа, туку и уште повеќе: Он нè постави на исто рамниште со воскреснатиот Христос на небесните височини, над целокупниот свет од бестелесни духови. Бог, браќа, не се јавил на земјата заради некоја обична и мала работа, туку заради една сосема необична и голема, преголема работа. Кога некој земен цар ќе посети едно место во својата држава, благодатта од неговата посета долго ќе се чувствува во тоа место. Царот Господ ја посетил земјата и човечкиот род на земјата. И благодатта на таа посета ќе се почувствува до крајот на времињата. Таа посета за нас значела живот наместо смрт, слава наместо срам, блискост кон Бога наместо оддалеченост, благослов наместо проклетство. Со еден збор: воскресение од мртвите – вечно царување со Христа на небесата.

О Господи, пофалба на Тебе, о Господи, слава на Тебе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

9 НОЕМВРИ

1. Св. мч. Онисифор и Порфириј. Овие двајца прекрасни луѓе биле мачени за името Христово во времето на царот Диоклецијан. Биле многу тепани, биле горени на железна леса, па потоа биле врзани за опашките на коњите и биле влечени по камења и по трње. Така биле растргнати на парчиња и ги предале своите свети души на Бога. Моштите им биле погребани во Пентапол.

2. Преп. Јован Колов. Се вбројува помеѓу најголемите Египетски подвижници. Колов означува „мал“, бидејќи бил со низок раст. Во скит дошол заедно со својот брат Данил и со преголема ревност се предал на подвиг, така што неговиот брат Данил морал да го опомени да биде умерен. Бил ученик на св. Памво, а подоцна му бил учител на св. Арсениј Велики. Негов соученик кај св. Памво бил и св. Пајсиј Велики. Еднаш кога тој и Пајсиј разговарале каков начин на подвиг да преземат, им се јавил ангел Божји и му наредил на Јована да остане на своето место и да ги поучува

другите, а на Пајсиј му рекол да оди во пустината и да живее како отшелник. За да ја испроба послушноста на Јована, св. Памво му наредил да залива една сув стап забоден во земјата сè додека не раззелени. Без размислување и сомнеж, Јован го залевал тоа суво дрво полни три години, од ден на ден, додека навистина, по Божјата сила, тој стап не раззеленил и не донесол плод. Тогаш Памво ги собрал плодовите од тоа дрво, ги однесол во црквата и ги разделил на браќата, велејќи: „Пристапете и вкусете од плодот на послушноста!“ Јован Колов имал многу ученици. Некои од неговите мудри изреки се сочувани. Се упокоил мирно и се преселил во радоста на својот Господ.

3. Преп. Матрона Цариградска. Од Пергија Памфилиска. Брзо ѝ се смачил бракот со некој цариградски велможа Дометијан, та побегнала, се пресоблекла во машка облека и под името Вавила стапила во манастирот „Св. Васијан“ во Цариград. Бидејќи нејзиниот маж непрестајно ја барал, таа била принудена да промени многу места, како: Емес, Синај, Ерусалим, Бејрут и најпосле пак дошла во Цариград. Се замонашила на 25. година и се подвизувала 75 години. Живеела 100 години и мирно починала и се преселила во радоста на својот Господ во 402 година.

4. Преп. Евтимиј Дохијарски и неговиот ученик Неофит. Срби по потекло и роднини на високи византиски аристократи. Евтимиј прво бил другар на св. Атанасиј и иконом на неговата лавра, а потоа бил основач на манастирот „Дохијар“. Мирно се упокоил во 990 година. Неговиот внук Неофит го наследил својот стрико како игумен на „Дохијар“, го умножил братството и изградил голема црква. Се упокоил во почетокот на XI век.

5. Св. Симеон Метафраст. Надарен човек од Цариград. Имал светско и духовно образование. Постанал царски логотет и прв висок службеник на дворецот. Но, живеел чисто и непорочно како вистински аскет. Се одликувал и со голема војничка храброст и со државничка мудрост. Заради тоа царот Лав Мудри премногу го ценел и еднаш го испратил на Крит да преговара за мир со Арапите, кои во тоа време го зазеле тој остров. Кога успешно ја завршил оваа своја мисија, се вратил во Цариград и наскоро се повлекол од светот и од светските работи. Пишувал житија на светителите, и тоа составил нови 122 и поправил 539 животописи. Се упокоил околу 960 година. Од неговото тело потекло благопријатно и лековито миро.

6. Преп. Теоктиса Пароска. Родена е на островот Лесбос, се замонашила во својата 17. година. Дивите Сарацени нападнале на тој остров и заробиле сè што им дошло под рака, па и Теоктиса со нејзината сестра. Кога Сарацените ги извеле робовите на пазар на островот Парос, Теоктиса побегнала од групата и се скрила. Се скрила во средината на островот во некој запуштен храм каде што се подвизувала 35 години. Се упокоила мирно во 881 година.

РАСУДУВАЊЕ

По долгата разделба со својот другар, Пајсиј го посетил овој Јован Колов и стапил со него во разговор. Се прашувале еден со друг кој каква добродетел придобил за толку време. Пајсиј рекол: „Сонцето никогаш не ме виде да јадам“. Јован Колов пак рекол: „А мене никогаш не ме виде да се гневам“. Учејќи ги браќата во скитот, св. Јован ја употребувал оваа приказна за покајаната човечка душа: „Во некој град живеела многу убава жена, но била блудница, имала многу љубовници. Некој кнез ѝ предложил дека ќе ја земе кај себе да му биде жена, ако му вети дека ќе живее чесно и верно во бракот. Таа му ветила. Кнезот ја зел во својот дворец и се венчал со неа. Кога за тоа дознале нејзините поранешни љубовници, решиле некако да ја вратат кај себе на стариот пат. Тие не смееле да излезат пред очите на кнезот, туку отишле зад дворецот и почнале да свиркаат. Жената го слушнала свиркањето и го познала. Брзо ги затнала своите уши, се скрила во внатрешната одаја на дворецот и ја заклучила вратата зад себе. Така се избавила од новите искушенија“. Св. Јован ја објаснувал оваа приказна вака. Жената блудница е душата; нејзините љубовници се страстите; кнезот е Христос; внатрешната одаја е небесното живеалиште, а љубовниците кои свиркаат и ја мамат се демоните. Ако душата се свртува непрестајно од своите страсти и ако прибегнува кон Бога, тогаш и страстите и демоните ќе се исплашат и ќе побегнат од неа.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за појавувањето ангел на Павлета во ноќта на бурата (Д.а., 27), и тоа:

1. како ноќе му се јавил ангел Божји на Павлета и му рекол да не се плаши бидејќи ќе биде спасен и тој и сите со него;

2. како Павле им го соопштил тоа на луѓето во лаѓата и многу ги охрабрил.

БЕСЕДА
за благодатта што спасува

Зашто преку благодатта
сте спасени (Ефес. 2:5–8).

Кој може да замисли и да признае дека ние преку благодатта сме спасени? Дека сме спасени не по наши заслуги и дела, туку преку благодатта Божја, кој тоа може да го знае и да го признае? Тоа може да го знае и да го признае само оној кој знае и кој ја видел од една страна бездната на смртта и гнилежот во која човекот преку гревот пропаднал, и од друга страна, височината на честа и на славата на која човекот е воздигнат во небесното царство, во бесмртниот свет, во домот на живиот Бог – само тој тоа може да го знае и да го признае. Некое дете патувало ноќе и се сопнувало и паѓало од дупка во дупка, од јама во јама, додека најпосле не паднало во некоја предлабока јама од која на никаков начин само не можело да излезе. И кога детето се предало во рацете на својата судбина и мислело дека овде му е крајот, одеднаш некој застанал над јамата, му пуштил долго јаже и му викнал на детето да се фати и да се држи цврсто за јажето. Тоа бил некој царски син, кој го зел детето, го измил и го облекол, го одвел во својот дворец и го поставил пред себе. Дали ова дете со своја заслуга и со своето дело се спасило? Никогаш и никако. Целата негова заслуга била што се фатило за крајот на дофрленото јаже и што цврсто се држело за јажето. Како е детето спасено? Со милоста на царскиот син. Во однос на Бога кон луѓето таа милост се нарекува „благодат". *Преку благодатта сте спасени*! Овие зборови ги повторува апостол Павле двапати во кусо време за верните да знаат и да запаметат.

Да знаеме и ние, браќа, и да паметиме дека преку благодатта сме спасени преку Господа Исуса Христа. Бевме во устата на смртта и ни е даден живот во дворецот на нашиот Бог.

О Господи Исусе Христе, Спасителу наш, преку Тебе сме спасени. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

10 НОЕМВРИ

1. Св. апостоли: Олимп, Ераст, Кварт, Родион, Сосипатер и Терциј. Сите биле од седумдесетте апостоли. Последните тројца се споменуваат и на друго место и тоа: Родион на 8 април, Сосипатер на 28 април, а Терциј на 30 октомври. Св. Олимп и Родион биле следбеници на апостол Петар и кога Петар пострадал, и тие пострадале зашто по заповед на Нерон биле обезглавени. Ераст прво бил економ на ерусалимската црква, а потоа епископ во Панеада Палестинска. Кварт бил епископ во Бејрут; многу страдал, но и многумина привел во верата Христова. Сосипатер бил епископ во Иконија. Духовно војувале, победници станале и со венци на славата се овенчале.

2. Св. мч. Орест. Од градот Тијана во Кападокија. Св. Орест бил христијанин од раѓање и лекар по професија. Бил измачуван сурово од некој лош кнез Максимин во времето на царувањето на Диоклецијан. Кога кнезот прво го советувал да се одрече од Христа и да им се поклони на идолите, Орест одговорил: „Кога ти би ја познавал силата на Распнатиот, ти би ја отфрлил идолската лага и би се поклонил на вистинскиот Бог". Затоа бил многу тепан, па стружен и растрган, бил горен со врело железо, па најпосле бил фрлен во затвор за да умре од глад. Седум дена младиот Орест поминал без леб и без вода. Осмиот ден повторно бил изведен пред кнезот, кој почнал страшно да го заплашува со нови маки. Орест му одговорил: „Подготвен сум секаква мака да претрпам, имајќи го знакот на Господа Исуса Христа врежан на моето срце". Тогаш кнезот наредил, та му забиле во нозете 20 железни клинци, го врзале за коњ и го гонеле по трње и камења сè додека маченикот Божји не издивнал. На тоа место каде што било фрлено телото на Орест, се јавил некој човек светол како сонце, ги собрал сите Орестови коски и ги пренесол на едно ритче близу до градот Тијана и тука чесно ги погребал. Овој прекрасен светител Орест му се јавил на св. Димитриј Ростовски и му ги покажал своите рани на телото.

3. Св. Нон еп. Илиополски. Се прочул како голем подвижник во Тавенскиот манастир во Египет, заради што бил избран за епископ во 448 година на Едеската епархија. Подоцна се префрлил на Илиополската епархија. Овде тој обратил 30 000 Арапи во верата Христова. По смртта на еп. Ив, св. Нон повторно се вратил во Едеса, каде што останал до смртта, односно до 471 година, кога и се упокоил. По неговите молитви е обратена во верата Христова познатата грешница Пелагија, која потоа се прославила со светоста на својот живот (види, 8 октомври).

РАСУДУВАЊЕ

Пречудните патишта на Божјата промисла се покажале во исклучителен и чуден случај во манастирот „Дохијар" за време на блажениот Неофит, внукот на св. Евтимиј. Кога по смртта на Евтимиј, Неофит започнал да гради нова и поголема црква на св. Никола Чудотворец, снемал средства и тој почнал да се моли на Бога за помош. И Бог му помогнал на еден чуден начин. Наспроти Дохијарскиот манастир лежи полуостровот Лонгос или Сика. На тој полуостров Неофит имал еден мал метох во чија близина се наоѓала една човечка фигура од камен. На фигурата стоело напишано: „Кој ќе ме удри во главата, ќе најде многу злато". Многумина ја удирале фигурата по главата, но ништо не нашле. Неофит го испратил по некоја работа манастирскиот послушник Василиј. Василиј еден ден стоел пред фигурата и се чудел на таинственоста на тој натпис. Тогаш изгреало Сонцето. Фигурата ја фрлила својата сенка кон запад. Василиј зел еден камен и ја удрил главата на сенката и овде започнал да копа и пронашол еден котел полн со златни пари. Веднаш отрчал и му јавил на игуменот Неофит. Игуменот одредил тројца чесни монаси да појдат со Василиј во манастирската лаѓа и да го донесат златото. Отишле овие монаси, го натовариле златото на лаѓата и веднаш тргнале назад. Но кога биле во морето, ѓаволот им втиснал во главите мисла да го грабнат тоа злато само за себе. Тие тројца чесни монаси, приклештени од ѓаволот, го врзале Василија со коноп, му обесиле камен околу вратот и го фрлиле во морето. Кога Василиј паднал на дното на морето одеднаш му се јавиле архангелите Михаил и Гаврил како две светли момчиња, го зеле и го пренесле во Дохијарскиот манастир и го

ставиле во заклучената црква пред царските двери. Утредента, кога монасите влегле во црквата го нашле Василија каде што врзан лежи пред олтарот. Игуменот го испрашал и дознал за чудниот случај со него. Тогаш стасале и другите тројца монаси, кои кога го виделе Василија жив и здрав, биле како со гром поразени. Нив игуменот достојно ги казнил, а златото го зел и ја довршил црквата, но не ја посветил на св. Никола, туку на светите архангели Михаил и Гаврил. Ете зошто старата црква на Евтимиј во „Дохијар“ се вика црква на св. Никола, а но̀вата, пак, на св. архангели Михаил и Гаврил.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното спасување Павлово од змијата (Дела, 27), и тоа:

1. како Павле заграбил гранки и ги фрлил во огнот;
2. како скокнала отровна змија од огнот и му се фатила за раката;
3. како тој ја истресол змијата и ништо не му било.

БЕСЕДА
за единствениот мир и за помирителот

Зашто Он е нашиот мир,
Кој од двата народа направи еден
(Ефес. 2:14).

Помеѓу Израилците и незнабожците имало бездна што никој од смртните не можел да ја исполни и да ја порамни. Господ Христос единствено можел тоа да го направи и Он тоа го̀ направил. Она што било оддалечено, Он го приближил и го составил. Со што? *Со Својата крв*. Имено, со Својата жртва Он ги заменил сите останати жртви. Со тоа Он ја искупил и со Себе ја заменил целата природа од која луѓето зеле и на Бога (односно на боговите) на жртва му принесувале. Една жртва е доволна и за Израилците и за незнабожците, а тоа е жртвата Христова. Понатаму, крвта од животните ги делела Израилците и незнабожците и по местото каде била принесувана и по божеството на кое била принесувана; и по видот на животното што е принесувано, и

по начинот како е принесувано. Сега дошла пречистата крв Христова на местото на целата таа крв и оваа Христова крв обединува, ги збратимува Израилците и незнабожците. И едните и другите постануваат крвни браќа како што сме и ние верните крвни браќа заради крвта Христова со која се искупивме од клетвата и со која и сега се храниме. Меѓниците и оградите што делеле и разделувале Он ги разурнал и ги составил рацете и срцата на Израилците и незнабожците. Со што? *Со Своешо шело*. Односно, со живата вистина, со овоплотената вистина во Себе. Сенката на законот ја заменувала вистината кај Израилците, а басните кај незнабожците. И двете Он ги оддалечил и ја покажал живата вистина во телото. И светот видел и се израдувал.

О Господи Исусе Христе, преблаг Искупителу наш, соедини ни ги срцата на нас, Твоите верници. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

11 НОЕМВРИ

1. Св. вел. мч. Мина. Египќанин по потекло и војник по професија, св. Мина, како вистински христијанин, не можел да го гледа одвратното принесување жртви на идолите, па ја напуштил војската, градот, луѓето и сè и заминал во пустата планина. Полесно му било на св. Мина да живее со дивите ѕверови отколку со безбожните луѓе. Еден ден св. Мина го предвидел од далеку безбожното празнување во градот Катуанија, па слегол во градот и пред сите ја објавил својата вера во Христа Бога живиот и го изобличил идолопоклонството и незнабоштвото како лага и како темнина. Кнезот на тој град, некој Пирос, го прашал Мина кој е и што е. Светителот му одговорил: „Татковина ми е Египет, името ми е Мина, бев офицер, но, гледајќи го идолопоклонството, се одреков од вашите почести. Сега дојдов пред сите да го објавам Христа, мојот вистински Бог, та и Он да ме објави како Свој слуга во царството небесно“. Кога го слушнал тоа Пирос, го ставил свети Мина на големи маки. Го камшикувале, го стружеле со железни четки, го гореле со свеќи, го мачеле со разни маки, па најпосле со меч го убиле. Телото му го фрлиле во оган да не го земат христијаните, но тие сепак спасиле некои делови од огнот. Тие посмртни останки чесно ги погребале, а подоцна биле пренесени во Алексан-

дрија и таму погребани, а над нив била изградена црква. Св. Мина пострадал околу 304 година и се преселил во царството Христово. Но бил и останал голем чудотворец во двата живота, и на земјата и на небото. И кој да го славел св. Мина и во неволја со вера го повикувал на помош, нему тој и му помагал. Повеќепати се јавувал како борец на коњ за да им помогне на верниците или да ги казни неверниците.

2. Св. мч. Стефан Дечански крал српски. Син на кралот Милутин и татко на царот Душан. По наредба на необавестениот татко бил ослепен, а по наредба на лесномислениот син во староста бил удавен. При ослепувањето му се јавил св. Никола во храмот на Овче Поле и му ги покажал неговите очи, велејќи: „Стефане, не плаши се, еве ги твоите очи на мојата дланка, во свое време јас ќе ти ги вратам". Пет години поминал во Цариград како затвореник во манастирот „Пантократор" („Седржител"). Со својата мудрост и со подвигот, кроткоста и благочестието, со трпението и добродушноста, Стефан ги надминувал не само монасите во манастирот, туку и целиот Цариград. Кога се навршиле 5 години, повторно му се јавил св. Никола и му рекол: „Дојдов да го исполнам своето ветување". И го благословил слепиот крал со крстен знак и кралот прогледал. Од благодарност кон Бога, го изградил дечанскиот храм, едно од ретките прекрасни дела на византиската уметност и еден од најпознатите споменици на некогашното српско благочестие. Св. крал Стефан со св. Сава и св. кнез Лазар прават една прекрасна триада од светост, благородство и самопожртвување што српскиот народ го дал. Како маченик го проживеал својот земен век и како маченик завршил во 1336 година, примајќи венец на бесмртна слава од Седржителот, на Кого верно му служел.

3. Св. мч. Виктор и Стефанида. Виктор бил роден Римјанин и војник по занимање. Мачен за Христа во времето на царот Антонин. За време на неговото мачење некоја млада жена Стефанида изјавила дека и таа е христијанка. Виктор бил исечен, а Стефанида била растргната, бидејќи била врзана со ногата за врвот на една палма, а со другата нога за врвот на друга палма.

4. Св. мч. Викентиј ѓакон. Од Сарагоската епархија во Шпанија. Страшно измачен за Христа Господа и најпосле бил испечен на железна решетка. Го предал својот дух на Бога во 304 година. Неговото тело му почива во Рим во црква со неговото име.

5. Преп. Теодор Студит. Познат игумен на Студитскиот манастир, голем страдалник за иконите, мудар основач на манастирскиот живот, од Бога надахнат учител на православието и чуден подвижник. Се упокоил во Цариград во 826 година, во 68 година од својата старост.

6. Св. Урошица кнез српски. Син на кралот Драгутин. И во бракот ја сочувал чистотата и целомудриети. Од гробот му потекло св. миро.

РАСУДУВАЊЕ

Ако некогаш светител седел на престол на земното царство, тоа бил св. крал Стефан Дечански. Грците, кои Словените ги сметале за варвари, се чуделе на убавината на душата на св. Стефан како на едно најретко чудо од тоа време. Кога царот Кантакузен го испратил кај Милутина по некоја државна работа игуменот на манастирот „Пантократор", помеѓу останатото, кралот Милутин прашал и за својот син Стефан. „Ме прашуваш, кралу, за вториот Јов?" му рекол игуменот. „Биди уверен дека неговата сиромаштија стои повисоко од твојата кралска величина". Грчкиот цар со слепиот Стефан постапувал многу сурово: прво го затворил во едно одделение во дворецот и забранил секаков пристап кон него, потоа го предал на манастирот „Пантократор", со тешкиот монашки подвиг таму да слабнее и да пропадне. Но блажениот Стефан Бог го чувал и тој ги поднесувал подвизите на постот и молитвата како најдобрите монаси. За неговата мудрост почнало да се зборува по целиот Цариград. И царот почнал да го почитува и често од него да бара совети. Така, на пример, св. Стефан придонесол да се урне ереста на Варлам, против која се борел св. Григориј Палама (види, ***Синаксар,*** II недела од чесниот пост). Варлам во тоа време се наоѓал во Цариград и со вешти сплетки добил многу свои истомисленици во големците на дворецот и во црквата. Во недоумица, царот го повикал св. Стефан и го прашал што да прави со Варлам? Мудриот Стефан му одговорил со зборовите на псалмопевецот: „Ме намразија Господи оние кои Тебе те мразат!" И уште рекол: „Опасните луѓе треба да се избркаат од општеството". Кога го слушнал тоа царот Кантакузен, го протерал Варлам со бесчестие од престолнината.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудната моќ на иселување кај апостолот Павле (Дела, 28) , и тоа:

1. како се помолил Павле, ги ставил рацете на таткото на Поплиј и го исцелил од среброљубието;
2. како и многу други во тоа место така исцелил.

БЕСЕДА
за Создателот на новиот човек

За да создаде во Себеси од дваӣа народа еден нов човек, ӣравејќи мир (Ефес. 2:15).

Кога дошол на земјата човекољубивиот Господ, дошол кај сите луѓе, а не само кај некои. Евреите очекувале Месија, Он дошол како Месија. Незнабожците очекувале Избавител, Он дошол како Избавител. Он дошол со иста љубов и кај Евреите и кај незнабожците. Трет немало на земјата освен Евреите и незнабожците. Евреите единствени во светот верувале во едниот Бог; незнабожците се поклонувале на идолите. Но и Евреите ја помрачиле својата вера со своите беззаконија, та не знаеле ништо. И така, според незнаењето, биле изедначени со незнабожците. А посебно и според гревовното проклетство што од Адама ѝ тежело на црната земја. Како што стариот Адам не им припаѓал само на Евреите, туку и на незнабожците, бидејќи и едните и другите произлегувале од него, така што ни новиот Адам не им припаѓал само на едните од нив, туку на двата. Господ Исус не можел да го засака ниту само царството еврејско, т.е. царството на празниот законски формализам, ниту пак царството елинско (односно незнабожечко воопшто), т.е. царството на натуралистичките басни и демонски баења и гатања. Но тој ги зел и двајцата болни и двајцата ги исцелил. И двајцата ги исцелил и ѕидал нов човек, а тоа е Црквата Божја. Така Господ го отфрлил еврејството и елинството и ја создал Својата Црква во светот.

О Господи Исусе, себлаг и семудар, сѐ е добро и сѐ е над зборот што си направил. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

12 НОЕМВРИ

1. Св. Јован Милостив. Патријарх Александриски. Роден е на островот Кипар во кнежевско семејство. Татко му бил кнезот Епифаниј. Уште од детството бил воспитан како добар христијанин. По убедувањето од родителите, тој се оженил и имал деца. Но по Божја промисла се преселиле од овој живот во оној и децата и жената. Познат по своето милосрдие и благочестие, Јован бил избран за патријарх Александриски, во времето на царот Ираклиј. Десет години управувал со Александриската црква како вистински пастир, чувајќи ја од незнабожците и еретиците. Бил пример на кроткост, милосрдие и човекољубие. „Ако сакаш благородство, велел тој, не барај го во крвта, туку во добродетелта зашто тоа е вистинско благородство". Сите светители се одликувале со милосрдие, но св. Јован сиот се предал на таа прекрасна добродетел. Еднаш, извршувајќи литургија, патријархот се потсетил на зборовите Христови: *Ако принесуваш дар на жртвеникот и таму се сетиш дека брат ти има нешто против тебе...* (Мт. 5:23–24), и се сетил дека еден од клириците овде во црквата има лоша волја, тој брзо ги оставил светите дарови, му се приближил на тој клирик, паднал пред неговите нозе и го замолил за опростување. И дури кога се измирил со тој човек, се вратил кај жртвеникот. Еднаш, пак, одејќи кон црквата „Св. Кир и Јован", се случило да сретне една бедна вдовица и таа почнала да му зборува за својата беда. На придружниците на патријархот им се досадило од жалењето на жената, па му рекле на владиката да побрза на служба во црквата и по службата да ја ислуша таа жена. Св. Јован им одговорил: „А како мене сега Бог ќе ме послуша, ако јас неа не ја послушам?" и не сакал да замине од местото додека не ја ислушал жалбата на вдовицата до крај. Кога Персијанците нападнале на Египет, патријархот Јован седнал во лаѓата да се оддалечи од таму. По патот се разболел и кога дошол на Кипар, умрел во своето место на раѓање, во 620 година и преминал во царството бесмртно на својот Господ. Неговите чудотворни мошти се пренесени во Цариград, потоа во Будимпешта и најпосле во Пресбург.

2. Св. пророк Ахиј. Од Силом. Пророкувал 1000 години пред Христа. На Јеровоам, слугата на Соломон, му

прорекол дека ќе се зацари над десетте Израилеви колена (III Цар. 11:29).

3. Преп. Нил Синајски. Прво бил префект во престолнината, Цариград. Како женет човек, имал еден син и една ќерка. Гледајќи го порочниот живот во престолнината, тој се договорил со жената да се оддалечат од светот. Така и направиле. Жената со ќерката отишле во некој женски манастир во Египет, а Нил со синот Теодул отишле на Синајската гора. Полни 60 години се подвизувал св. Нил на Синај. Напишал прекрасни книги за духовниот живот. Мирно се упокоил околу 450 година, во 80 година од земниот живот и се преселил во блажениот небесен живот. Негови свети зборови се: „Телесните страсти потекнуваат од телесните потреби; и против нив е потребна воздржаност, а душевните страсти се раѓаат од душевните потреби и против нив е потребна молитва“.

4. Преп. Нил Мироточив. Родум од Мореја. Како јеромонах со својот стрико дошол во Света Гора. Се подвизувал како отшелник во пустото место викано „Свети Камени“. Кога се упокоил, од него потекло миро во такво изобилство што од врвот на горати се слевало во морето. Тоа чудотворно миро ги привлекувало болните луѓе од сите страни. На ученикот на св. Нил му се досадило од многуте посетители, па во молитвата му се пожалил на својот духовен отец, св. Нил. Истекувањето на светото миро веднаш престанало. Св. Нил се подвизувал во полна смисла како древните светители. Се упокоил во XVII век.

РАСУДУВАЊЕ

На многу свети мажи и жени им било откривано порано кога ќе умрат и ќе го променат животот. Тоа е голем дар од небото. Но не чекајќи го овој дар, ние, недостојните, треба секој ден со покајание да се подготвуваме за исходот. Од луѓето и може да се побегне, но од Бога никогаш. Кога св. Јован Милостив бегал од Персијанците од Египет, на лаѓата му се јавил некој светол маж со златен скиптар во раката и му рекол: „Царот на царевите те повикува кај Себе“. Јован ги разбрал овие зборови и почнал да се подготвува за смртта што наскоро и настапила. На св. Стефан Дечански честопати му се јавувал неговиот омилен светител Николај. Јавувајќи му се пред смртта, му рекол: „Стефане, подготви

се за своето заминување, бидејќи наскоро ќе се претставиш пред Господа“. Според милосрдието, овие двајца светители биле многу слични. Од неизмерното богатство со кое располагал Јован како патријарх при Александриската црква, тој пред смртта имал само една третина од еден динар и тоа наредил да се даде на сиромасите. А кога св. Стефан Дечански бил во манастирот „Пантократор“ во Цариград, некој милостив српски големец му испратил поголема сума пари: *Му благодарам на добриот господин за љубовта*, одговорил Стефан на тој што ги донесол парите, *но ќе ми направи голема радост, ако парите, наменети за мене, ги раздели на сиромасите*.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за храброста на апостол Павле (Д.а., 28), и тоа:

1. како тој две години седел во окови во Рим;
2. како слободно го проповедал ***Евангелието*** на незнабожците и на Евреите, не плашејќи се од никого;
3. како од проповед за Христа не можеле да го одвратат ни оковите, ни затворот, ни самата смрт.

БЕСЕДА
за тоа како туѓинците постанале деца во домот

И така, вие веќе не сте туѓи и придојдени, туку сте им сожители на светиите и свои на Бога (Ефес. 2:19).

Пред доаѓањето на Христа Господа изгледало дека само Евреите се блиски на Бога, а незнабожците се далечни. Всушност, и Евреите и незнабожците подеднакво биле оддалечени од Бога и од вистинското богопочитување. Тогаш дошол Он, Христос Спасителот и *ви благовести мир на вас, на далечните и на блиските*, и уште преку тоа ги приведе и обајцата, т.е. и Евреите и незнабожците *во еден Дух кон Отецот*. Во новото создание, или новиот човек, или Црквата Божја, има еден дух, и секој кој стапува во црквата

Божја, го прима тој дух, така што и колку да се зголемува бројот на членовите на Црквата, секогаш останува еден Дух Божји, и колку и племиња, раси, народи да стапат во Црквата Божја, духот не се менува, туку секогаш останува еден ист дух. Ете зошто вие незнабожците *не сте туѓи и придојдени во Црквата*, туку како и сите останати членови на црквата сте сожители на светиите и сте Му свои на Бога. Бидејќи Црквата е заснована на светост и нејзин камен–темелник е Светецот на светиите и, според планот, сите членови треба да бидат свети. Свети се нарекуваат и сите оние кои живееле пред Христа, но Го очекувале Христа и се надевале на Него, како и оние кои живееле по Христа, признавајќи Го Христа како Господ Син Божји, како Спасител, Избавител, Воскреснувач и Судија. Гревот дели и отуѓува од Бога. Но преку Христа Господа делбата и оддалеченоста исчезнуваат и сите поранешни Евреи или незнабожци му постанале свои верни на Бога, сѐ заради и преку Господа Исуса Христа.

О браќа мои, Господ Исус ни дарувал нешто по возвишено и подрагоцено од овој живот – ни дарувал мир и пријателство со Бога. А тоа е поголемо и подрагоцено од живот отуѓен од Бога.

О Господи Исусе Христе, Миротворецу и Миродавецу, одржи нѐ до крајот во мир со Бога. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

13 НОЕМВРИ

1. Св. Јован Златоуст. Патријарх Цариградски. Роден е во Антиохија во 354 година од татко Секунд, војвода и мајка Антуса. Учејќи ја грчката филозофија, Јован се згрозил од грчкото безбожие и ја усвоил христијанската вера како единствена и целосна вистина. Јован бил крстен од Мелетиј, патријархот Антиохиски, а потоа и неговите родители примиле крштение. По смртта на родителите, Јован се замонашил и почнал строго да се подвизува. Тогаш ја напишал книгата ***За свештенството*** и тогаш му се јавиле св. апостоли Јован и Петар прорекувајќи му голема служба, голема благодат, но и големо страдање. Кога требало да биде ракоположен за свештеник, ангел Божји им се јавил во исто време и на патријархот Флавијан (подоцна Мелетиј) и на самиот Јован. Кога патријархот го ракополагал, се виделе два бе-

ли гулаби на главата на Јована. Прославен заради мудроста, подвигот и силата на зборот, Јован бил избран по желба на царот Аркадиј за патријарх Цариградски. Шест години управувал со Црквата како патријарх со неспоредлива ревност и мудрост. Испратил мисионери кај ненабожните Келти и Скити; ја сотрел симонијата во Црквата, симнувајќи многу епископи–симонисти; ја раширил милосрдната дејност на Црквата; напишал посебен чин на светата литургија; ги посрамил еретиците; ја изобличил царицата Евдоксија, со својот златен ум и јазик го протолкувал ***Светото писмо,*** ѝ оставил на Црквата многу драгоцени книги од своите беседи. Народот го прославил, завидливците го намразиле, царицата двапати го испраќала во прогонство. Во прогонство поминал 3 години и починал на Крстовден, на 14 септември 407 година во местото Коман во Ерменија. Пред смртта, повторно му се јавиле св. апостоли Јован и Петар, како и св. мч. Василиск (22 мај), во чија црква го примил последното причестување. *Слава на Бога за сè,* биле неговите последни зборови и со тие зборови душата на златниот патријарх била пренесена во Рајот. Од моштите на св. Јован Златоуст, неговата глава му почива во Успенскиот храм во Москва, а телото му е во Ватикан, во Рим.

2. Св. мч. Антонин, Никифор, Герман и Манета. Првите тројца, кога ги виделе незнабожците како на некој свој празник им се поклонуваат на идолите со викање и со игра, излегле бестрашно пред групата и почнале да проповедаат за едниот Бог во Троица. Началникот на Кесарија Палестинска, каде што тоа и се случило, Фирмилијан толку се налутил за постапката на тројцата христијани што веднаш наредил да им ги отсечат главите. Манета била девица христијанка. Таа ги следела мачениците кога ги воделе на погубување. И неа ја фатиле и по лутите мачења била на оган изгорена. Сите пострадале во 308 година и се преселиле во вечната радост на вечниот Бог.

3. Преп. мч. Дамаскин. Роден е во Галата во Цариград и прво се викал Дијаманди. Како млад живеел неморално, па дури и се потурчил. Тогаш кај него настанало горко каење и отишол во Св. Гора, каде што како монах строго се подвизувал 12 години во лаврата на св. Атанасиј. Бидејќи сакал маченичштво заради очистување од гревовите, тој отишол во Цариград и почнал да оди по џамиите, да се крсти и да им вика на Турците дека нивната вера е лажна, и дека Исус Христос е Бог и Господ. Бил заклан пред портата на

„Фанар", на 13 ноември 1681 година. Неговите мошти почиваат на Халки, во манастирот „Св. Троица".

РАСУДУВАЊЕ

Казна и награда! И двете се во Божји раце. Но како што овој земен живот е само сенка на вистинскиот живот на небесата, така казната и наградата овде на земјата се само сенка на вистинската казна и награда во вечноста. Главните гонители на Божјиот светител Златоуст биле: Теофил, патријархот Александриски и царицата Евдоксија. По маченичката смрт на Златоуст, и нив двајцата ги стасала тешка казна. Имено, Теофил полудел, а царицата Евдоксија го избркала од дворецот царот Аркадиј. Евдоксија наскоро се разболела од неизлечлива болест, рани ѝ се отвориле по нејзиното тело и црви зовреле од раните. Од неа се ширела таква смрдеа што човек не можел лесно да помине низ улицата пред нејзиниот дом. Лекарите употребиле најсилни мириси и ароми на кадило, колку–толку да ја неутрализираат смрдеата од нечистата царица, но не успеале. Најпосле царицата умрела во смрдеа и во маки. Но и по смртта, Божјата рака тежела врз неа. Ковчегот со нејзиното тело се тресел дење и ноќе повеќе од 34 години сè додека царот Теодосиј не ги пренесол моштите на св. Златоуст во Цариград. Што се случило со Златоуст по смртта? Награда – награда каква што само Бог може да ја даде. Аделтиј, епископот Арапски, кој го примил прогонетиот Златоуст во својот дом во Кукус, по смртта на Златоуст се молел на Бога да му јави каде се наоѓа душата Јованова. Еднаш, така на молитва, Аделтиј бил како надвор од себе, и видел светли момчиња кои го воделе по небесата и му ги покажувале со ред ерарсите, пастирите и учителите на Црквата, повикувајќи го секого по име. Но Јована овде не го видел. И го повел ангел Божји кон излезот на Рајот, а Аделтиј бил натажен. Кога ангелот го прашал зошто е толку натажен, Аделтиј одговорил дека му е жал што не го видел љубениот учител Јован Златоуст. Ангелот му одговорил: „Тоа не може да го види човекот додека е во тело, зашто е тој крај престолот Божји, заедно со херувимите и серафимите".

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното создавање на светот (I Мој. 1), и тоа:

1. како Бог во почетокот ги создал небото и земјата;
2. како земјата била безоблична и празна;
3. како Духот Божји лебдел над водата.

БЕСЕДА
за темелот и за аголниот камен

Оти се утврдивте на темелите, поставени од апостолите и пророците, имајќи Го како аголен камен на темелот Самиот Исус Христос (Ефес. 2:20).

Темелот на апостолите и на пророците, браќа, тоа е животот и работата на апостолите и на пророците. Тоа е ***Стариот*** и ***Новиот завет***. Кој ги соединува апостолите и пророците? Христос Господ. Без Него ниту пророкот ќе го разбере апостолот, ниту апостолот пророкот. Он пак е исполнување на пророците и сведоштво на апостолите. Така Он е аголен камен Кој ги поврзува пророците и апостолите и ги држи заедно како што аголните камења го држат аголот. И целиот ***Стар*** и ***Нов завет*** се соединуваат со Него, наоѓаат смисла во Него, се вртат околу Него, се надахнуваат со Него, се држат до Него – до Господа Исуса Христа. Незнабожците и Евреите каде би се состанале и каде би разбрале ако не во Исуса Христа Господа? Никаде, освен во Него. Во Него и преку Него тие се соединуваат во еден Нов Човек, во едно бесмртно тело, во една света и соборна Црква преку Господа Исуса. Врските на душата и на телото биле непријателски сè до Неговото доаѓање во тело, и тоа непријателство одело на погубување на душата, Он ги смирил и ги осветил двете. Така, Он постанал аголен камен на секое бесмртно и богоугодно ѕидање, дали тоа се однесува на човек поединец, или на семејство, или на народ, или на било каков човечки род, или на сегашноста, или на минатото, или на иднината, или на старозаветниот или на новозаветниот. Он е главен камен на секое ѕидање како што е Он глава во телото на Божјата Црква.

О Господи Исусе Христе, карпо на нашето спасение, помилуј нѐ и спаси нѐ. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

14 НОЕМВРИ

1. Св. апостол Филип. Роден е во Витсаида крај Галилејското Езеро како Петар и Андреј. Од малечок научен на ***Светото писмо***, Филип веднаш одговорил на повикот на Господа Исуса и тргнал по Него (Јн. 1:43). По слегувањето на Св. Дух, Филип ревносно го проповедал ***Евангелието*** по многу страни на Азија и по Грција. Во Грција Евреите сакале да го убијат, но Господ го спасил со своите моќни чуда. Така, еврејскиот архијереј, кој се нафрлил на Филипа да го тепа, одеднаш ослепел и сиот поцрнел. И настанал голем земјотрес и земјата се отворила и ги проголтала Филиповите гонители. И многу други чуда се случиле, посебно имало исцелување на болни заради кои многу незнабожци поверувале во Христа. Во фригискиот град Јерапол, св. Филип се нашол на заедничка евангелска работа со Јован Богослов, со својата сестра Маријамна и со апостолот Вартоломеј. Овде имало некаква голема змија. Неа незнабожците грижливо ја хранеле и ѝ се поклонувале како на Бог. Божјите апостоли со молитва како со копје ја умртвиле таа змија. Со тоа го привлекле гневот на помрачените луѓе. Разлутените незнабожци го фатиле Филипа и го распнале на дрво наопаку, потоа го распнале и Вартоломеја. Тогаш земјата се отворила и ги проголтала судијата и многу други со него. Во голем страв останатите луѓе потрчале да ги симнат распнатите апостоли, но успеале само Вартоломеја да го симнат жив, Филип починал. Вартоломеј на крстените за епископ им го поставил Стахиј, кого пред тоа тој и Филип го исцелиле од слепило и го крстиле. Стахиј бил 40 години слеп. Моштите на св. Филип подоцна се пренесени во Рим. Овој прекрасен апостол пострадал во 86 година, во времето на царот Дометијан.

2. Св. Григориј Палама, архиепископ Солунски. Татко му на Григориј бил познат чиновник на дворецот на царот Андроник II Палеолог. Надарениот Григориј, кога ги завршил световните науки, не сакал да појде на дворска служба, туку се оддалечил на Св. Гора и таму се замонашил. Се

подвизувал во „Ватопед и во „Лавра". Водел борба со еретикот Варлам и најпосле го победил. За митрополит Солунски бил хиротонисан во 1347 година. Бил прославен и како подвижник, како богослов, како јерарх и како чудотворец. Наизменично му се јавувале: Пресвета Богородица, св. Јован Богослов, св. Димитриј, св. Антониј Велики, св. Јован Златоуст, ангелите Божји. Управувал со Солунската црква 13 години, од кои една година поминал во ропство кај Сараците во Азија. Мирно се упокоил во 1360 година и се преселил во царството Христово. Моштите му почиваат во Солун, каде што се наоѓа и прекрасна црква во негово име.

3. Св. Јустинијан цар византиски. По потекло Словен, од околината на Скопје. Словенското име му било Управда. На престолот го наследил својот стрико Јустин. Големината на овој цар неразделно е поврзана со неговото длабоко православно верување. Верувал и живеел според верата. Во Чесниот пост не јадел леб ниту пиел вино, но се хранел со зелје и пиел вода, и тоа преку ден. Завојувал против дунавските варвари, само затоа што овие ги кастрирале заробениците. Тоа го покажува неговото возвишено чувство на човекољубие. Среќен и успешен во војните и во работите. Изградил голем број прекрасни храмови, од кои најубав од најубавите е „Св. Софија" во Цариград. Ги собрал и ги издал римските закони. Самиот тој создавал многу строги закони против неморалот и расипништвото. Ја составил црковната песна „Единороден Сине и Слове Божји", која почнала да се пее на Литургијата од 536 година. Го свикал Петтиот вселенски собор во 553 година. Мирно завршил на 14 ноември 565 година во 80 година од својот живот и се преселил во царството на небесниот Цар.

РАСУДУВАЊЕ

Св. Григориј Палама многу научил преку небесните откровенија. Кога тој поминал три години во безмолвие во една келија во лавра, требало да излезе помеѓу луѓето и да им користи со собраното знаење и искуство. Тоа Бог му го ставил до знаење преку едно вонредно видение. Еден ден како во полусон Григориј се видел самиот себе каде во рацете држи сад преполн со млеко, толку преполн што се прелевал, но постепено млекото се претворило во вино, кое, исто така се прелевало преку работ на садот и ги навлажну-

вало неговите раце и алиштата. Тогаш му се јавило светло момче и му рекло: „Зошто не им дадеш и на другите од тоа прекрасно питие што така го расфрлаш без да внимаваш? Или, можеби, не знаеш дека е тоа дарот на Божјата благодат?“ Тогаш Григориј одговорил: „Но ако во денешно време нема никој кој чувствува потреба за такво питие – на кого да му го дадам?“ Момчето му рекло дека и да има и да нема жедни за такво питие, тој е должен да го исполни својот долг и да не го запоставува Божјиот дар. Млекото Григориј го протолкувал како обична поука на народната маса за моралниот живот и владеењето, а виното како наука од догматски карактер. Другпат, Григориј се затворил во еден манастир и овде ги пишувал своите ***Начела на православието***. Во пресрет на денот на св. Антониј Велики, монасите го повикале на бдение, но тој останал да работи во келијата. Сите браќа отишле во црквата. Одеднаш св. Антониј му се јавил и му рекол: „Добро е и совршено е безмолвието, но понекогаш е неопходно и општење со браќата“. Убеден од ова откровение, Григориј веднаш се упатил во црквата на радост на сите монаси.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното создавање на светлината (I Мој. 1), и тоа:

1. како над безобличната земја имало темнина;
2. како рекол Бог да биде светлина, и би светлина;
3. како Бог ја одделил светлината од темнината, и би вечер и би утро.

БЕСЕДА
за затвореникот Павле

Затоа сум јас, Павле, затвореник на Исуса Христа за вас незнабожците (Ефес. 3:1).

Апостолот Христов, браќа, се нарекува затвореник Христов. Како тоа апостолот да биде затвореник? Зар затвореникот не е врзан? Да, но и апостолот е врзан, врзан е со љубовта на Господа Исуса толку силно што никоја друга вр-

ска на земјата не чувствува како и да не постои. Апостолот е врзан и со умот свој за Господа Исуса толку силно што тој ништо не може да мисли без Господа Исуса Христа. Апостолот е врзан и со својата волја за Господа Исуса толку силно што, всушност, и нема своја волја, туку својата волја совршено ја потчинил на волјата на Господа Исуса. И Така тој го сака она што го сака Христос. Зар тоа не е заробеништво? О блажено заробеништво, што не е за срам, туку е за слава, и не е за пропаст, туку е за спасение! И така, Христос е потполн господар на животот на апостолот како однадвор така и однатре. Зашто и однадвор и однатре Он му испраќа нему искушение, Он му ги открива чудата на Својата промисла, Он го раководи кон совршена добрина заради негово спасение и заради спасение на многу други.

Да се предадеме, браќа, и ние на Господа Исуса Христа како Неговите апостоли. И тогаш ќе бидеме во најсигурни раце и на најсигурно место.

Господи, Исусе Христе, Велик и чуден Господи, врзи нѐ за Себе, зароби нѐ засекогаш во Себе, засекогаш во обата света. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

15 НОЕМВРИ

1. Св. мч. Гуриј, Самон и Авив. Гуриј и Самон биле угледни граѓани на Едеса. Во времето на едно гонење на христијаните тие се скриле надвор од градот и живееле во пост и во молитва, храбрејќи ги правоверните кои им доаѓале за совети. Но биле фатени и донесени пред судија. Судијата им се заканил со смрт, ако не се покорат на царската наредба за поклонение на идолите. Светите Христови маченици му одговориле: „Ако се покориме на царската наредба, ќе пропаднеме, макар ти и да не нѐ убиеш“. По лутите маки, биле фрлени во затвор, каде што останале од 1 август до 10 ноември, трпејќи: глад, темница и мачнина. Тогаш повторно биле изведени и мачени, па бидејќи останале непоколебливи во Христовата вера, биле осудени на смрт и со меч исечени во 322 година, за време на опакиот цар Ликиниј. Подоцна и Авив, едески ѓакон, претрпел маки за Христа својот Господ и во огнот ја предал својата душа на Бога. Неговата мајка го извадила целото тело од огнот и го погребала в гроб заедно со св. Гуриј и Самон. Кога престанало гонење-

то, христијаните подигнале храм во чест на тројцата маченици Гуриј, Самон и Авив, ги положиле нивните чудотворни мошти во еден ковчег. Од многубројните чуда на тие прекрасни Божји светители едно посебно се истакнува. Некоја вдовица во Едеса имала ќерка за која сакал да се ожени некој војник Гот, од грчката војска. Бидејќи мајката се плашела да ја даде својата ќерка во далечна земја, Гот се заколнал на гробот на светите тројца маченици дека никакво зло нема да ѝ направи на девојката, но дека ќе ја земе за законска жена, бидејќи рекол дека е неженет. Всушност, тој бил оженет. И кога ја одвел девојката во својот дом, таму ја држел не како жена, туку како робинка сѐ додека не умрела неговата законска жена. Тогаш тој, во договор со останатите свои роднини, со својата жена ја закопал и својата робинка. Робинката со плач се молела на св. маченици да ја спасат. И тие ѝ се јавиле во гробот, ја зеле и во моментот ја пренесле од готската земја во Едеса, во својата црква. Утредента, кога ја отвориле црквата, ја нашле девојката крај гробот на Божјите светители и дознале за нејзиното чудно избавување.

2. Св. мч. Елпидиј, Маркел и Евстохиј. Пострадале за Христа во времето на Јулијан Отстапник. Елпидиј бил сенатор. Кога ги виделе маките на Елпидиј, 6000 незнабжци поверувале во Христа Господа.

3. Празник на иконата на св. Богородица 'Купјатичка". Оваа икона првин ѝ се јавила на некое девојче Ана во селото Купјатич, во Минската губернија, во 1182 година. Чувајќи го стадото, Ана видела некаква светлина во шумата. Кога се приближила до таа светлина, на едно дрво видела среден по големина крст, со ликот на Пресвета Богородица. Ана го зела тој крст и го однесла дома, па повторно се вратила кај стадото. Но за големо чудо, таа повторно, на истото место, го видела крстот на дрвото. Повторно го зела, го ставила во пазувите и отишла во својот дом. Кога сакала да го покаже крстот на својот татко, ја ставила раката во пазувите, но крстот не бил тука. Таа му раскажала сѐ на својот татко; отишла со него, го виделе крстот во шумата и го пренеле дома. Утредента крстот пак не бил во домот. Тие го известиле целото село и сите селани отишле, го виделе крстот и му се поклониле. Наскоро луѓето овде изградиле црква. Многубројни чуда се пројавиле од тој чуден крст со ликот на Божјата Мајка. Таа икона сега се наоѓа во црквата „Св. Софија“ во Киев.

РАСУДУВАЊЕ

Бог најчесто на миротворците им дава победа во војната. Еден пример за тоа е големиот цар Јустинијан, а втор е св. Стефан Дечански. По смртта на својот татко, кралот Милутин, Стефан го симнал повезот од очите свои и со радост бил прогласен за крал од властелата и од народот. Но Константин, синот на Симонида и помлад брат на Стефан по татко, ја наговорил војската против Стефана. Тогаш Стефан му напишал вака: „Ти си чул што се случи со мене (т.е. како јас прогледав) според Божјата промисла, која прави сè на добро. Помилуван од Бога, јас го наследив родителскиот престол да владеам над луѓето со страв Божји и со правда по примерот на предците. Отстапи од својата намера, дојди да се видиме еден со друг; прими го второто место во државата како втор син и не кревај се со туѓинци против својата татковина; нашата пространа земја е доволна и за мене и за тебе. Јас не сум Каин братоубиецот, но сум другар на братољубивиот Јосиф. Со зборовите на овој последниот, јас и на тебе ти кажувам: јас сум Божји; вие ми мислевте зло, а Бог го претвори на добро“. Така напишал светиот крал. Но Константин не послушал и во војната со Стефан бил победен. Така бил победен и Владислав, синот на Драгутин, вториот претендент за српскиот престол. Најлошо поминал Михаил Шишман, бугарскиот цар. На него Стефан му напишал: „Научи го значењето на христијанската љубов, смири го гневот, допушти да има љубов помеѓу нас каква што била и помеѓу нашите родители. Престани да пролеваш христијанска крв. Сврти го оружјето против непријателот на името Христово, а не против христијаните. Потсети се како ќе одговараш за невината крв. Знај го и тоа дека кој одзема туѓо, го губи и своето“. Михаил се потсмеал на тоа писмо од светиот крал и бил силно поразен на Велбужд. *Бог е со праведните, а не е со силните.*

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното создавање на светот (I Мој. 1), и тоа:

1. како Бог рекол да има свод меѓу водите;

2. како Бог ја одвоил водата од под сводот, од водата над сводот;

3. како го нарекол сводот небо.

БЕСЕДА
за објавувањето на Божјата премудрост на небесните сили

Та многуразличната премудрост Божја да им се објави сега преку Црквата на началствата и на властите небесни (Ефес. 3:10).

Дали ангелите, браќа, сè знаат? Не, бидејќи, ако знаат сè, би биле богови. Еден е Бог, браќа, а ангелите се прекрасни Божји слуги. Тајната на овоплотувањето не им била позната на ангелите пред да се случи. И сите останати тајни во врска со тајната на овоплотувањето им биле непознати на ангелите сè додека не ги виделе објавени во Црквата. Црквата е ново откровение и за самите свети ангели. Црквата, од една страна, е нова објава на мудроста, на силата и на Божјото човекољубие, а од друга страна, е нова објава на богољубието и на човековиот подвиг. Ни самите ангели порано не знаеле колку Бог ќе дозволи да се понижи ниту колку човекот ќе се воздигне. Тоа е покажано во Црквата и преку Црквата на ангелите им е соопштено. За тоа апостолот им се обраќа на Ефесјаните со наведените зборови. *На началствата и властите небесни*, т.е. ниту на ангелските врвови однапред не им било сè познато. *Многуразличната премудрост Божја*, т.е. премудрост што порано не била објавена, на ангелите непозната, а сега во Црквата покажана во безбројни облици, прилики и случаи.

О браќа мои, двете најголеми дела Божји, досега се објавени: создавањето на светот и создавањето на Црквата. И во едното и во другото дело човекот е главен предмет на Божјата љубов. Да бидеме благодарни со секоја своја воздишка, благодарни и преблагодарни на Бога. О Боже благ, Боже милосрден. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

16 НОЕМВРИ

1. Св. апостол Матеј евангелист. Матеј, синот на Алфеј, прво бил цариник (т.е. закупувач и собирач на данокот, или митар) и како таков Го видел Господа во Капернаум каде што бил повикан: *Врви йо Мене. И шој сшана и шргна йо Него* (Мт. 9:9). Потоа Матеј му приредил дочек на Господа во својата куќа и тука дал повод Господ да искаже неколку големи вистини за Своето доаѓање на земјата. По примањето на Св. Дух, свети Матеј го проповедал ***Евангелиешо*** во Партија, Мидија и во Етиопија, земја на црнците. Во Етиопија за епископ го поставил некој Платон, свој следбеник, а тој се повлекол во молитвена самотија во горката каде што му се јавил Господ. Ги крстил жената и синот на кнезот на таа земја, заради што кнезот многу се налутил и испратил стражари да го доведат Матеја кај него на суд. Војниците отишле и се вратиле кај кнезот, велејќи дека го слушнале гласот на Матеја, но никако со очите не можеле да го видат. Тогаш кнезот испратил други стражари. Кога и овие стражари му се приближиле на апостолот, светнала силна небесна светлина над него, така што војниците не можеле во него да гледаат и исполнети со страв го фрлиле оружјето и се вратиле. Тогаш кнезот сам тргнал. Кога се приближил до Матеја, пак светнала силна светлина и кнезот од тоа ослепел. Светиот апостол бил со милостиво срце: тој се помолил на Бога и кнезот прогледал, за жал, само со телесните очи, а не и со духовните. Тој го фатил апостолот и го ставил на лути маки. Имено, двапати палел голем оган на неговите гради. Но Господовата сила го сочувала жив и неповреден. Тогаш апостолот се помолил на Бога и го предал својот дух на Бога. Кнезот наредил телото на маченикот да го стават во оловен ковчег и го фрлиле во морето. Светителот му се јавил на епископот Платон и му кажал за своето тело и за ковчегот каде се наоѓа. Епископот отишол и го извадил ковчегот со телото на Матеја. Кога го видел ова ново чудо, кнезот се крстил и го зел името Матеј. Потоа кнезот ја оставил целата светска суета, примил презвитерски чин и богоугодно ѝ послужил на црквата. Кога умрел Платон, на овој Матеј му се јавил апостолот Матеј и го посоветувал да го прими епископскиот чин. И така, тој постанал епископ и бил добар пастир многу години, додека Господ не го повикал во своето бесмртно царство. Св. апостол Матеј го напишал ***Евангелиешо*** на еврејски јазик, кое наскоро било пре-

ведено на грчки јазик и на грчки дошло и до нас, додека она на еврејски се изгубило. За овој евангелист се вели дека никогаш не јадел месо, туку се хранел со зеленчук и со овошје.

2. Преп. Сергиј Малопинежски. Руски парохиски свештеник. Како свештеник живеел богоугодно и служел полни 22 години во Волгодската губернија. Се упокоил мирно во Господа на 16 ноември 1585 година на возраст од 92 години.

РАСУДУВАЊЕ

Дали Божјата заповед за непрестајна молитва (Лк. 18:1) важи само за монасите или за сите христијани воопшто? Кога би важела само за монасите, апостолот Павле не би им пишувал на солунските христијани: *молеше се постојано* (I Сол. 5:17). Апостолот ја повторува заповедта Господова од збор до збор и ја дава на сите христијани, без разлика дали некој е монах или е мирјанин. Св. Григориј Палама се подвизувал некое време како млад јеромонах во еден манастир во Верија. Овде бил и некој познат подвижник, старецот Јов, кого сите го почитувале. Еднаш се случило св. Григориј, во присуство на старецот Јов, нагласувајќи ги зборовите апостолски да тврди дека постојаната молитва е должност на секој христијанин, а не само на монасите. Старецот Јов одговарајќи на тоа рекол дека постојаната молитва е должност само на монасите, а не на секој христијанин. Григориј како помлад отстапил и не сакал да спори, но молчејќи се оддалечил. Кога се вратил Јов во својата келија и кога застанал на молитва, му се јавил ангел Божји во голема небесна слава и му рекол: „Не сомневај се, старецу, во вистината на зборовите на Григориј; тој право кажа; и ти така умувај и на другите предавај“. Така апостолот и ангелот ја потврдиле заповедта дека сите христијани мораат постојано да се молат на Бога. Ако не постојано во храмот, а постојано на секое место и во секое време, и тоа внатре во своето срце. Бидејќи, кога Бог никако не се изморува давајќи ни добрини, како ние да се измориме благодарејќи Му за тие доб-рини? Кога Он непрестајно мисли на нас, зошто ние да не мислиме непрестајно на Него?

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за создавањето на светот, и тоа:

1. како во третиот ден Бог ја одделил сувата земја од водата;
2. како ѝ наредил на земјата да пушти од себе трева и плодни дрвја;
3. како тоа се случило по зборот Божји и како било добро.

БЕСЕДА
за вселувањето на Христа во срцата на верниците

И преку верата Христос да се всели во срцата ваши, та вкоренети и утврдени во љубовта да можете да разбирате со сите светии... (Ефес. 3:17).

Со верата Христос доаѓа во срцето, а со Христа доаѓа љубовта. И така човекот се вкоренува и се втемелува во љубовта. Првин, верата, па потоа со верата и присуство на Христа во срцето; па со присуството на Христа, присуство на љубовта, а со љубовта сите неискажани блага. Со неколку зборови апостолот ни укажува цела скала кон совршенство. Почеток е верата, а завршеток е љубовта. А верата и љубовта се поврзуваат во живо и неразделно единство, со присуството во срцето на живиот Господ Исус Христос. Со зацврстувањето на верата ние сѐ повеќе ја убиваме оддалеченоста помеѓу нас и Христа Господа. Колку е посилна верата, толку е поблиску Христос. Најпосле срцето се исполнува со Христа и не може да се оддели од Христа како белите дробови од воздухот. Тогаш човекот со солзи на радост општи со Христа во своето срце со молитвата: „Господи Исусе, помилуј ме грешниот!“ И неосетно срцето се исполнува со светла и со топла љубов. Така љубовта се соединува со верата и со надежта, и кога ќе се соединат, се губи границата помеѓу нив, та човекот не може ни со мисла да одреди до каде оди верата, а од каде почнуваат надежта и љубовта. Кога живиот Христос ќе се всели во него, тогаш тој и не ги гледа во себе ниту верата, ниту надежта, ниту љубов-

та, ниту ги именува, туку Го гледа само Христа и Христа Го именува како земјоделецот наесен што го гледа зрелиот плод на дрвото, та повеќе не зборува за цутот ни за листовите, туку за родот, за зрелиот род.

О Господи Исусе Христе, врховна височино на сите наши напори, последна станицо на сите наши патувања, приближи ни се и спаси нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

17 НОЕМВРИ

1. Св. Григориј Чудотворец, еп. Неокесариски. Еве човек Божји и силен чудотворец, наречен втор Мојсеј. Роден од безбожни родители, познати и богати, Григориј прво учел грчка и египетска филозофија. Откако ја познал нивната сиромашност и недоволност, се обратил на христијанските учители, а посебно на Ориген во Александрија, кај кого учел неколку години и од кого примил крштавање. Чист со душата и со телото, тој сакал да Му се посвети само на Христа Бога, заради што се оддалечил во пустината, каде што во мачни подвизи поминал долго време. Славата за него се пронесла насекаде и Федим, епископот Амасиски, сакал да го посвети за епископ Кесариски. Видовитиот Григориј ја забележал намерата на Федим, па се криел низ пустината од неговите пратеници да не го пронајдат. Најпосле Федим на чуден начин го посветил и Григориј морал да ја прифати архипастирската служба. Му се јавила Пресвета Богородица со св. Јован Богослов и по наредба на Богородица, св. Јован му го предал Символот на верата, познат под името на Григориј. Кој ќе ги изброи сите чуда на овој втор Мојсеј? Им заповедал на лошите духови, им заповедал на горите и на водите, ги лекувал сите маки и болести, пред гонителите станувал невидлив, предвидувал во далечината не само случаи, туку и човечки мисли. Земниот живот го завршил во 270 година, во длабока старост. Кога дошол за епископ во Кесарија, целиот град бил незнабожечки, освен 17 христијани, а кога заминувал од овој живот, целиот град бил христијански, освен 17 незнабожци. Затоа примил венец на слава од својот Господ во небесното царство.

2. Преп. Никон Радонежски. Ученик и наследник на игуменството на св. Сергиј Радонежски. Кога варварите ја

нападнале Русија, тој Му се молел на Бога да ја отстрани бедата од рускиот народ. Тогаш му се јавил св. Сергиј со Петар и со Алексиј, упокоени московски митрополити, и му рекол да не тагува бидејќи тој напад бил според Божја дозвола за некакво добро, но дека ќе помине и мирот повторно ќе зацари. Го обновил манастирот „Св. Троица“ и им послужил на многумина со примерот на подвижништво. Се упокоил на 17 ноември 1426 година.

3. Преп. Генадиј Ватопедски. Монах од „Ватопед“ на дохијарска (економска) должност. Кај него на чуден начин се наполнило со масло испразнетото буре. Тоа чудо е припишано на Пресвета Богородица, на која е посветен манастирот, а попрецизно, на нејзината икона што стоела таму.

РАСУДУВАЊЕ

Следните примери од животот на Григориј нека покажат како Бог го чува и го спасува праведникот од лошото. Уште додека бил на филозофското училиште во Александрија, св. Григориј ја чувал чистотата на својата душа и на своето тело како што ги чувал и ги зачувал до крајот на својот живот. Во тоа тој бил исклучок помеѓу тогашната распуштена младина. Кај неговите другари тоа предизвикало завист и омраза. За да го понижат Григорија, тие нашле и му испратиле една блудна жена за да ја исполни нивната злобна помисла. Кога еднаш Григориј стоел на некој плоштад со најпознатите учители и филозофи, му се доближила таа нечиста жена и почнала со викање да бара од Григориј да ѝ плати што ѝ останал должен за божемната нечиста врска со неа. Кога го слушнале тоа присутните луѓе, едни се соблазниле, а други ѝ се налутиле на бесрамната жена и почнале да ја бркаат. Но таа со уште посилен глас почнала да вика и да бара пари. Невиниот Григориј поцрвенел како што би поцрвенело секое невино суштество пред грубата клевета, но не покажал ниту лутина ниту омраза, туку му рекол на еден другар до себе да ѝ даде толку колку што бара само што побргу да си отиде. Другарот го послушал и ѝ ги дал на жената бараните пари. Но во тој час Бог ѝ испратил лош дух на жената, па таа паднала на земјата, почнала да се собира и да се трга, со забите крцкала и исфрлала пена низ устата. Кога го виделе тоа, сите се исплашиле. А св. Григориј, незлобен

како јагне, се помолил на Бога за неа и жената оздравела и станала. И така, наместо понижување, Григориј спечалил уште поголема слава. Вториот пример. Кога настанало страшно гонење на христијаните, св. Григориј ги посоветувал да се скријат и самиот тој со ѓаконот се засолнал на некое ритче. Но царските војници ги здогледале и тргнале по нив. Кога сосема им се доближиле, св. Григориј се помолил на Бога за помош и Бог наеднаш ги направил невидливи за нивните гонители. Залудно војниците вртеле и барале во нивната близина, но не можеле да ги видат и најпосле без нив се вратиле дома.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за создавањето на светот, и тоа:

1. како во четвртиот ден Бог ги создал големите и малите светила;

2. како го создал Сонцето да свети во денот и Месечината и ѕвездите да светат ноќе.

БЕСЕДА
за ширината и должината, за длабочината и за височината

Та вкоренети и утврдени во љубовта да можете да разбирате со сите светии што е ширина и должина, што е длабочина и височина (Ефес. 3:18).

Еве плод на вера и на љубов. Еве царски дарови што ги донесува Царот Христос кога ќе се всели во срцето на човекот. Разбирање на спасоносните тајни; разбирање на сето она што е важно за животот на човекот. Но тоа разбирање не е лично ниту посебно, не е само лично и оригинално, туку тоа се поклопува со разбирањето на сите светии. Бидејќи, кои се свети, ако не богатите во верата и во љубовта? На нив дарови на разбирање се тајните Божји заради нивната вера и љубовта. Провери го твоето разбирање со нивното разбирање, па ако видиш разлика, знај дека ти не си во право. Ако, пак, твоето разбирање се поклопува со нивното,

значи дека си ја достигнал нивната мерка на вера и на љубов и значи дека Христос се вселил во твоето срце.

Тогаш ќе разбереш што е ширината на Божјата љубов со која се опфатени во планот за спасение и Евреите и незнабожците; и што е должината на Божјата промисла со која од правреме се подготвувал планот на спасението, па со ред преку законот и пророците и многуте чуда; и што е длабочина на смирението Христово, заради што во Адот лично се симнал за да ги спаси душите на праведниците; и што е височина на славата Христова, која како човек ја примил по завршувањето на Своето спасоносно дело на земјата. Како Христовиот крст, така стојат ширината, должината, длабочината и височината, опфаќајќи сѐ, објаснувајќи сѐ, призивајќи сѐ, милувајќи сѐ, и воздигнувајќи сѐ.

О Господи Исусе, благ Господи наш, помилуј нѐ и спаси нѐ. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

18 НОЕМВРИ

1. Св. мч. Платон. Од градот Анкира Галатиска, христијанин по раѓање и по воспитување. Уште во млади години покажувал големо совршенство во сите добродетели. Платон не ја криел својата вера во Христа Господа, туку јавно ја проповедал, изобличувајќи ги идолопоклониците заради поклонувањето на мртвите предмети, наместо на живиот Создател. Заради тоа бил изведен на суд пред началникот Агрипина и бил многу испрашуван и мачен од него. Кога началникот почнал да го советува да ја избегне смртта и да го сочува животот со поклонување на идолите, Платон му одговорил: „Постои двапати умирање, едното е времено, а второто е вечно, така што има и два животи, еден краткотрајно-времен и друг бесконечен“. Тогаш Агрипина удрил на него со страшни маки. Помеѓу останатото, наредил и му ставиле врел железен оклоп на голото тело, потоа од неговата кожа кроеле ремени. „Мачи ме уште полуто, му викал маченикот на мачителот, за да се види јасно твојата нечовечност и моето трпение“. Кога мачителот му го споменал на маченикот филозофот Платон како незнабожечки филозоф, маченикот му рекол: „Ниту сум јас сличен на Платон, ниту Платон на мене, освен по името. Јас учам и се учам од мудроста што е Христова, а тој е учител на онаа мудрост што е лудост пред

Бога“. Потоа Платон бил фрлен во затвор каде што поминал 18 денови без храна и без вода. Кога стражарите се зачудиле како Платон можел да живее гладувајќи толку долго, тој им рекол: *Вие се наситувате со месо, а јас со свети молитви; вас ве весели виното, а мене Христос, вистинската лоза.* Најпосле бил со меч исечен околу 266 година и примил венец на вечна слава.

2. Св. мч-ци Роман и Варул. Свети Роман бил ѓакон во Кесариската црква. Еднаш тој ревносно го проповедал ***Евангелието*** во Антиохија. Кога бил некој идолски празник и началникот на Антиохија, Асклипијад, сакал да влезе во незнабожечкиот храм за да принесе жртва, Роман застанал пред него и му рекол: „Грешиш, началнику, кога одиш кај идолите, идолите не се богови туку единствено Христос е единствен и вистински Бог“. Разлутениот началник го ставил Романа на маки, та св. Роман бил тепан и стружен без милост. Тогаш св. Роман видел едно дете по име Варул и му рекол на Асклипијад: „И ова мало дете е поразумно од тебе старчиште, бидејќи тоа Го знае вистинскиот Бог, а ти не Го знаеш“. Началникот почнал да го испрашува Варула за верата и тој ја искажал својата вера во Христа Господа како во единствен вистински Бог, наспроти лажните идоли. Тогаш Асклипијад наредил и малиот Варул со меч да го исечат, а св. Роман го удавиле во затворот во 303 година. И така овие двајца маченици го наследиле царството Христово.

РАСУДУВАЊЕ

Ако некој те удри по десниот образ, заврти му го и другиот (Мт. 5:39), заповедал Господ. Тоа е најкраток и најјасен израз на науката за смирението. Од ништо друго лошите духови не се плашат толку кај човекот како од смиреното исполнување на заповедите Господови. Во Александрија имало некој богат велможа, кој имал млада ќерка во која влегол лош дух и ќерката се симнала од умот. Некој му рекол на очајниот татко дека никој друг не може да ја излекува неговата ќерка, освен монасите отшелници кои живеат во пустината и во Алаксандрија доаѓаат одвреме–навреме заради продавање на кошници свои рачно изработени, но и од нив никој нема да сака да влезе во куќа на богат велможа, ако им каже зошто ги повикува. Туку нај-

добро ќе биде тој да им купи кошници и да ги покани во куќата за да им плати, па кога ќе дојдат во куќата, тогаш да ги замоли да се помолат на Бога за сите деца во куќата, белки Бог ќе ѝ помогне и ќе ја исцели и полудената девојка. Таткото послушал, отишол на пазар во одредениот ден и нашол еден ученик на св. Макариј каде што продава кошници. Тој брзо купил кошница и го поканил монахот во својата куќа за да му плати. Кога монахот влегол во куќата, полудената ќерка ненадејно излегла пред монахот и силно го удрила со раката по едниот образ. Молчејќи монахот, го свртел и другиот образ. Тогаш лошиот дух завил горко и побегнал од девојката. И девојката постанала потполно мирна и разумна. Кога се вратил монахот во пустината, им раскажал на старците што се случило. Сите тие Го прославиле Бога што му подарил толкава сила на оној кој ги исполнува Неговите заповеди.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното создавање на светот, и тоа:

1. како во петтиот ден Бог ги создал животните што живеат во водата и птиците небесни во воздухот;
2. како Бог ги благословил да се раѓаат и да се намножуваат.

БЕСЕДА
за љубовта што го надминува разумот

И да ја узнаеше Христоваша љубов шшо го надминува секое знаење (Ефес. 3:19).

Љубовта што го надминува разумот, го надминува нашето знаење, тоа е љубовта Христова. Никој не може ни да замисли каква е и колкава е големината на таа љубов додека Христос во неа не се всели. Може ли некој да го замисли вкусот на медот, ако никогаш во својата уста не вкусил мед? Дури кога со верата Христос ќе влезе во човечкото срце, човекот ќе го осети неискажаниот вкус на љубовта Христова, слаткиот и опоен нејзин мирис и нејзината недостижна сеопфатност. Како што човекот, имајќи го Христа во

срцето, ја допира ширината, должината, длабочината и височината на познавањето на божествената мудрост, исто така, имајќи Го Христа во срцето, човекот го допира бескрајниот хоризонт на божествената Христова љубов. О браќа мои, колку се бледи зборовите кога треба да се зборува за Христовата љубов – никогаш и никаде не се побледи и понемоќни отколку овде. Навистина, што може да се зборува пред такви изненадувачки докази на Неговата љубов: нас н# создал со љубов, со овоплотил од љубов, од љубов примил потсмев и смрт заради нас, од љубов ни го отворил небото и ја објавил приготвената наша бесмртна слава! Но и ова што го наброивме е само нешто од сето она неисцрпно богатство, слава, убавина и животворна храна што се нарекува Христова љубов. О кога сами би се удостоиле со вера Господ Исус да се всели во нашите срца за да можеме да ја вкусиме Неговата љубов која што не може да се опише!

О Господи Исусе Христе, животе наш, наша мудрост и љубов наша, очисти нè и всели се во нас. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

19 НОЕМВРИ

1. Св. пророк Авдиј. Роден е во селото Витахарамско од Сихемските предели. Живеел на дворецот на царот Ахав, но кога царот отстапил од вистинското богопочитување и се поклонил на идолите, Авдиј не го следел примерот на царот, туку продолжил да Му служи на единствениот вистински Бог. Кога лошата царица Језавела, заради Илија, подигнала хајка врз сите пророци Божји, Авдиј собрал околу стотина од нив, ги скрил во две пештери и ги хранел до крајот (III Цар. 18:4). Како современик на големиот пророк Илија, Авдиј го почитувал Илија многу и го слушал во сè како негов следбеник и негов ученик. Живеел во 900 година пред Христа и мирно се упокоил.

2. Св. мч. Варлам. Родум од Антиохија. Заради верата во Христа Господа бил многу измачуван од нечестивиот судија. Најпосле судијата помислил да му се потсмее и со силата на околностите да го присили да им принесе жртва на идолите заради што го вовел во идолскиот храм, му ставил оган на дланката и темјан на огнот, мислејќи дека маченикот ќе мора заради болката да го фрли огнот со темјанот

од раката пред идолите и така не сакајќи да ги покади. Но Христовиот војник херојски го држел огнот на својата дланка без помисла да го фрли пред идолите сè додека прстите не му изгореле и не му отпаднале и додека дланката не прегорела. И така со огнот на земјата паднале и прстите на маченикот. *Имал посилна десница од огнот*, вели св. Василиј Велики, *бидејќи, иако пламенот ја горел раката, сепак раката го држела огнот како пепел.* А Златоуст пишува: „Од височината гледале ангелите, архангелите набљудувале, сцената била величествена, надминувајќи ја навистина човечката природа. Гледај, кој не би сакал да го види човекот кој се подвизувал, а не чувствувал што им е на луѓето својствено, човекот кој и самиот бил жртвеник, и жртва и жрец". Кога му изгорела раката, телото на старецот Варлам паднало на земјата мртво, душата му отишла во вечен покој кај Спасителот Господ. Овој преславен јунак и старец пострадал во 304 година.

3. Преп. Варлам и Јоасаф принцот. Индиски подвижници. Јоасаф бил принц, син на царот Авенир. По Божја промисла го посетил старецот Варлам, го научил на верата Христова и го крстил. Потоа старецот се оддалечил во планината на подвиг, а Јоасаф останал да се бори со многу искушенија во светот и со Божјата благодат да ги победува. Најпосле Јоасаф успеал да го приведе кон Христа и својот татко. Откако се крстил царот Авенир, поживеал 4 години во големо покајание затоа што направил и големи гревови гонејќи ги христијаните, па тогаш го завршил својот земен живот и преминал во подобриот. Младиот Јоасаф го предал царството на својот другар Варахиј, а тој заминал во пустина да се подвизува заради Христа. Единствена желба на земјата му била уште еднаш да се види со својот духовен отец, старецот Варлам. И милостивиот Бог му ја исполнил желбата, па еден ден Јоасаф застанал пред пештерата на Варлам и извикнал: „Благослови оче!" Старецот Варлам се подвизувал 70 години во пустината и поживеал околу 100 години. Св. Јоасаф во 25. година го оставил царството и отишол во пустината каде што поживеал 35 години. И двајцата имале голема љубов кон Господа Исуса, превеле многу луѓе во вистинската вера и се преселиле во вечната радост на својот Господ.

4. Св. мч. Илиодор. Од градот Магид во Памфилија. Мачен за верата Христова во времето на царот Аврелијан. При тешките маки, слушнал глас од небото: „Не плаши се,

јас сум со тебе!“ Фрлен во усвитен бакарен вол, тој прилежно Му се молел на Бога. И Бог го спасил. Усвитениот вол наеднаш се изладил и Илиодор излегол жив. Судијата му довикнал дека тој прави некакви магии. Тогаш маченикот му одговорил: „Моите маѓии се Христос!“ Бил исечен и се преселил кај Господа.

РАСУДУВАЊЕ

Приказна од старецот Варлам на Јоасаф. Некој човек бегал пред страшниот еднорог. Бегајќи така, паднал во некоја дупка и се фатил за едно дрво. И токму кога помислил дека е надвор од опасноста, тој погледнал надолу низ дрвото и видел две глувчиња, едното бело, а другото црно што наизменично го глодале коренот на дрвото за да го прегризат и да го турнат. Кога погледнал уште подлабоко, видел голема и страшна змија што со отворена уста чекала да го проголта човекот кога ќе падне дрвото. И уште видел покрај своите нозе четири помали отровни змии. Кога погледнал нагоре по дрвото, човекот на гранките видел малку мед, па заборавил на опасностите што го опкружуваат, ја спружил раката и ја дофатил таа мала сладост од дрвото. Толкување: еднорогиот ја претставува смртта што од Адам до денес го прогонува секој човек за да го убие; дупката исполнета со сите опасности е овој свет; дрвото е патот на нашиот живот; белите и црните глувци – се деновите и ноќите што се менуваат наизменично и го скратуваат нашиот живот; големата и страшната змија – тоа е адот; четирите отровни змии се четирите стихии од кои е составено човечкото тело; медот на гранките на дрвото – тоа се малкуте сласти што овој живот му ги дава на човекот. О кога луѓето не би се занесувале со оваа ништожна сласт и кога би ги заборавиле страшните опасности што ги опкружуваат и ги влечат кон вечната пропаст.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното создавање на светот, и тоа:

1. како Бог во шестиот ден ги создал стоката, ситните животни и ѕверовите според нивните видови;
2. како видел Бог дека е добро.

БЕСЕДА
за прославувањето на Бога
заради Христа Господа

Нему нека Му е слава во Црквата преку Исуса Христа во сите родови и за сите векови. Амин (Ефес. 3:21).

Слава на Бога! Слава на Бога во Црквата! Слава Му заради Христа Исуса! Слава Му во сите генерации! Слава Му во вечни векови! На Никого не му приличи слава како на Бога. Ниту некој Го слави Бога како Црквата Божја. Христос е откровител на Бога, па оттука сета слава на Бога мора да оди преку Христа Господа. Црквата ќе трае низ сите родови и поколенија до крајот на времињата, Црквата е најчистото тело Христово, исполнето со сила, со мудрост и со чудотворство; оттука славата на Бога се воздигнува од црквата – од светињата на Светиот, од чистотата на Чистиот. На Бога му е најмило славословието од црквата уште и заради тоа што во црквата има многу души и многу гласови, па сепак има еднодушност и едногласност. Никој да не се одделува од општото славење на Бога; и никој да не помислува дека неговото славење на Бога, во одвоеност и посебност е подобро отколку славењето на Бога во единство и во целина на сите верници. Не е вистина дека еден член се губи во мнозинството, та неговиот глас пред Бога не се слуша. Зар раката не го извршува своето дело најдобро кога е во целина со телото? Така е со секој член на телото. Истото тоа е и со секој верник. Кога тој се моли во црквата и со Црквата (макар и во пустина да е, тој може да се моли со Црквата), не одделувајќи се себе од Црквата тој и подобро се слуша и се гледа пред Бога. Неговата душа наоѓа многукратно одекнување во душите на останатите верници, та тој повеќе се истакнува и се распознава во својата молитва во врска со телото на Црквата отколку надвор од таа врска.

О Господи Исусе, само од Тебе, во Тебе и преку Тебе ние можеме да Го славиме Бога. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

20 НОЕМВРИ

1. Преп. Григориј Декаполит. Роден е во Декапол Исавриски од познати и благочестиви родители Сергиј и Марија. Кога го завршил образованието, родителите сакале да го оженат, но тој побегнал во пустината и се замонашил. Живеел на разни места, како во Византија, во Рим, на планината Олимп. Каде и да бил, секаде ги зачудувал луѓето со своите подвизи и со чудата. Се случувало да го озарува небесна светлина, да му се јавуваат ангели Божји. Тој ја гледал ангелската убавина и го слушал нивното умилно пеење. Поживеал долго и богоугодно и мирно се упокоил во IX век во Цариград, преселувајќи се со душата во радоста на својот Господ.

2. Св. Прокл патријарх Цариградски. Ученик на св. Јован Златоуст. Во 426 година бил посветен за епископ Кизички, а во 435 година бил избран на Цариградски патријарх. Управувал со Божјата Црква како мудар архијереј. Во негово време се случиле две важни работи. Првин, се пренесени моштите на св. Јован Златоуст од Коман во Цариград, по желба на царот и на патријархот. Во тоа време царувал царот Теодосиј Помладиот со сестрата Пулхерија. Второ, во Цариград и во околината имало голем земјотрес. Многу од најубавите и од најголемите зданија паднале. Тогаш патријархот со царот и со мноштво свештенство, големци и народ, излегле на литија. И кога на литијата се молеле на Бога, се случило некое дете на чуден начин да биде земено високо во воздухот што најпосле на можеле со очите да го видат. Потоа детето се вратило и се спуштило на земјата. Кога го прашале каде било, детето одговорило дека било однесено на небото помеѓу ангелите и ги слушнало ангелите како пеат: *Свети Боже, свети крепки, свети бесмртни, помилуј нè!* Кога ја слушнале оваа песна, сите луѓе во литијата почнале да ја пеат, а земјотресот веднаш престанал. Од тогаш оваа прекрасна песна е прифатена во Црквата. Тоа дете наскоро се упокоило и било погребано во црквата „Св. Ирина“. Св. Прокл послужил како архијереј 20 години и мирно се упокоил во Господа во 446 година.

3. Св. мч. Евстатиј, Теспесиј и Анатолиј. Овие биле родени браќа од Никомидија од безбожни родители, Филотеј и Евсевија, кои подоцна ја примиле вистинската вера од св. Антим еп. Никомидиски заедно со своите синови. Филотеј бил ракоположен за свештеник. Кога тој се упокоил со

својата жена, настанало страшно гонење на христијаните под злочестивиот цар Максимијан. Тројцата синови на Филотеј биле изведени пред суд. Судени, мачени, малтретирани на разни начини и најпосле биле на смрт осудени. Повеќепати им се јавувале ангели во затворот, им давале мана за храна и ги исполнувале нивните млади срца со сила и со храброст во трпението. Кога ги извадиле на губилиштето, им се доближиле двајца другари Паладиј и Акакиј и разговарале со нив. И додека уште разговарале, светите маченици ги предале своите души на Бога. Тогаш војниците им ги отсекле мртвите глави и ги однесле да му ги покажат на судијата. Пострадале за Христа Господа околу 313 година и се преселиле во бесмртното Христово царство.

4. Св. Исак архиепископ Ерменски. Се родил во Цариград во времето кога неговиот татко бил поданик на ерменскиот цар на византискиот дворец. Бил десетти архиепископ ерменски и како таков со црквата управувал 50 години. Своето пастирствување го обележал, покрај другите работи, и со преводот на ***Свеѿоѿо ӣисмо*** на ерменски јазик. Во една визија му се кажало дека Ерменците со време ќе отстапат од чистата православна вера. Овој познат јерарх мирно се упокоил во 440 година и се претставил пред Господа.

5. Св. три девици. Персијанки. Во времето на царот Сапор овие три девици биле гонети како христијанки и најпосле со ножеви биле исечени. Од нивниот гроб израснале три смокви. Тие лекувале од секаква мака и болест.

РАСУДУВАЊЕ

Никој од смртниците не ги протолкувал посланијата на апостолот Павле со поголема љубов и со поголема длабочина отколку св. Јован Златоуст. И самиот св. Павле да си ги толкувал, не би ги протолкувал подобро. И гледај, историјата ни кажува дека Павле си ги толкувал самиот на себе преку перото на св. Јован Златоуст. Кога св. Прокл бил послушник кај златоустиот патријарх, негова задача била да ги пријавува посетителите. Некој велможа бил накажан кај царот Аркадиј и царот го истерал од дворецот. Тој велможа дошол да го моли св. Јован Златоуст за посредување кај царот во своја полза. Прокл сакал да го пријави кај патријархот, но кога погледнал низ подотворената врата, видел некој

човек каде што стои надвиснат над патријархот и нешто му шепоти на ушите додека патријархот пишува. И така, тоа се продолжило сè до зората. Прокл тогаш му рекол на велможата да дојде друга вечер и самиот останал во чудо кој бил оној човек кај патријархот и како можел непријавен да влезе во собата на патријархот. Втората вечер пак се случило истото. Прокл повеќе се зачудил. И третата вечер пак се случило истото. Прокл уште повеќе се зачудил. Кога Златоуст го прашал дали не доаѓал тој и тој велможа, Прокл одговорил дека веќе три вечери тој чекал да влезе, но дека не смеел да го пријави заради некој непознат човек, постар и ќелав, кој трите вечери нешто му шепотел на патријархот на ушите. Изненаден, Златоуст рекол дека не се сеќава некој во последните три вечери да влегувал кај него. И кога го прашал својот послушник како изгледал туѓинецот, Прокл покажал на иконата на св. апостол Павле и му рекол дека бил исто таков. Тоа бил самиот апостол Павле кој управувал со умот и со перото на својот најголем толкувач.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното создавање на светот, и тоа:

1. како Бог Светата Троица се советувал со самиот Себе за создавањето на човекот;
2. како Бог го создал човекот по Својот образ.

БЕСЕДА
за однесување според звањето

Ве молам да се однесувате достојно според звањето за кое сте повикани, со секаква смиреност и кроткост, со долготрпеливост (Ефес. 4:1–2).

Да не се гордеете, да не се гневите, да не сте малодушни, бидејќи сето тоа е недостојно за христијанското звање. А тоа звање е толку возвишено и прекрасно што му е тешко на човекот од гордоста да се чува; тешко е да се воздржи над малодушноста при опасностите и загубите. Против три нездрави состојби апостолот истакнува три здрави

состојби, и тоа: против гордоста – смиреноста, против гневењето – кроткоста, против малодушноста – долготрпението. Овие три добродетели: смирението, кроткоста и долготрпението не ја изразуваат во полна мерка возвишеноста на христијанското звање. Но ништо во овој свет не може потполно да го изрази христијанското звање. Драгоценоста и богатството на тоа звање не може ни да се види овде на земјата, тоа е како затворен сандак што го носи човекот по целиот свет, а го отвора и го изнесува богатството од него на оној свет. Возвишеноста на христијанското звање би можел да го оцени само оној кој би можел да се воздигне до највисоките небеса и да го види Христа Господа во слава, со ангелите и со светителите. Овде е победничкиот собир на сите богоугодници од земјата, кои се удостоиле со висока почест.

Господи Исусе Христе, Боже наш, Твоето име ни е најдраго име. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

21 НОЕМВРИ

Воведение на Пресвета Богородица. Кога на Пресвета Дева Марија ѝ се навршиле трите години од раѓањето, нејзините свети родители Јоаким и Ана ја довеле од Назарет во Ерусалим за да ја предадат на Бога на служба според своето претходно ветување. Три дена пат има од Назарет до Ерусалим, но одејќи на богоугодно дело, тој пат не им бил тежок. Се собрале и многу роднини на Јоаким и на Ана за да земат учество во оваа свеченост, во која невидливо зеле учество и ангелите Божји. Напред оделе девиците со запалени свеќи во рацете, па потоа Пресвета Дева, водена од едната страна од својот татко, а од другата од мајката. Дева била украсена со прекрасни царски облеки и украси како што ѝ прилега на царска ќерка, на невеста Божја. По нив оделе многу роднини и пријатели, сите со запалени свеќи. Пред храмот имало 15 скали. Родителите ја подигнале Дева на првата скала, а потоа таа самата брзо се искачила до врвот, каде што ја пресретнал првосвештеникот Захариј, таткото на св. Јован Претеча. Кога тој ја зел во своите раце, ја вовел не само во храмот, туку и во Светињата над светиите, во која никој никогаш не влегувал, освен архиерејот, и тоа еднаш годишно. Св. Теофилакт Охридски вели дека Захариј „бил

надвор од себе и бил од Бога обземен“ кога ја вовел Дева во најсветото место во храмот, зад долгата завеса, инаку таа постапка негова не би можела да се објасни. Тогаш родителите принесле жртва на Бога, според законот, примиле благослов од свештеникот и се вратиле во својот дом, а Пресвета Дева останала при храмот. И таа престојувала во храмот полни 9 години. Додека ѝ биле живи родителите, честопати ја посетувале, а посебно блажената Ана. Кога, пак, нејзините родители биле од Бога повикани од овој свет, Пресвета Дева останала како сираче и никако не сакала до својата смрт да се оддалечувува од храмот, ниту да стапува во брак. Бидејќи тоа било спротивно на законот и на обичаите на Израилот, кога наполнила 12 години, ја дале на св. Јосиф, роднина од Назарет, како сврשеница да живее во девственост, така што и својата желба ја исполнила и привидно законот го задоволила. Зашто во тоа време не се знаело во Израилот за девојки заветени на девство до крајот на животот. Пресвета Дева Марија била прва таква доживотно заветена девојка и по неа потоа следувале во Христовата Црква илјади и илјади девственички и девственици.

РАСУДУВАЊЕ

Покори ѝ се на волјата Божја и не испитувај ги премногу судовите Божји, бидејќи можеш од умот да се мрднеш. Судовите Божји се безбројни и недостижни. Некој монах во пустината, мислејќи за себе дека достигнал совршенство, се молел на Бога да му ги открие Своите различни судови во човечкиот живот. Бог му ставил на ум да појде некаде далеку кај некој старец духовник и да го праша за тоа. Кога монахот бил на пат, му се придружил ангел Божји во вид на обичен човек и му рекол дека и тој сака да оди кај тој старец. Патувајќи така, застанале на конак кај некој богољубив човек, кој ги нагостил добро, давајќи им да јадат од сребрена чинија. Откако се најале, ангелот ја фатил чинијата и ја исфрлил во морето. На монахот тоа му станало и чудно и криво, но молчел. Вториот ден застанале на конак пак кај некој гостољубив човек, кој добро ги примил и богато ги нагостил. При тргнувањето тој човек го извел својот син единец да го благословат патниците. Ангелот Божји го фатил детето за гуша и го удавил. Монахот се разлутил и го прашал ангелот кој е тој и зошто прави такви недела. Анге-

лот му одговорил кротко: „Оној првиот човек во сѐ Му е угоден на Бога и нема ништо во неговиот дом што е со неправда спечалено, освен онаа сребрена чинија. По Божјиот суд јас ја фрлив таа украсена чинија, та човекот во сѐ да биде прав пред Бога. И оној другиот човек Му бил угоден на Бога и ништо немало во неговиот дом што би го привлекло гневот Божји, освен неговиот син, кој, ако порастеше, ќе беше голем злосторник и служител на ѓаволот. Затоа по Божјиот суд го удавив тоа дете да му ја спасам душата за времето на татковата добрина, а и таткото да го сочувам од многу беди. Ете тоа се и такви се таинствени и недостижни судовите Божји. А ти, старецу, оди во својата келија и немој да се трудиш залудно да го испитуваш она што е под власта на единствениот Бог.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното создавање на светот, и тоа:
1. како Бог го создал човекот од прав земен;
2. како му дувнал во лицето дух животен;
3. како човекот постанал душа жива.

БЕСЕДА
за верниците како едно тело и еден дух

Едно тело сте и еден дух (Ефес. 4:4).

Верниците да се трудат да бидат едно тело и еден дух, тоа го препорачува апостолот. Под едно тело се подразбира една вера, без расцепувања, без ереси, без самоволие: целата Црква е едно тело на кое глава е Христос. Под еден дух се разбира љубовта, огнената љубов на сите верници кон Христа од Кого произлегува заемната љубов. Мнозинството да биде како единка; многу луѓе како еден човек. Тоа е чудото на христијанската вера и на христијанската љубов. Нема таква сила во светот што може да биде посилна врска меѓу луѓето. Ниту истата крв, ниту истиот јазик, ниту истото огниште, ниту истите родители, ниту било какви материјални интереси – ништо од тоа не е ни оддалеку онаква силна врска како верата со христијанската љубов. Со таа цврста и неодолива врска се поврзани сите членови на Црквата по-

меѓу себе. И Црквата Божја стои како еден човек во времето и во вечноста – едно тело, еден дух. На ова чудно единство ништо така не му противречи како гордоста на поедини луѓе. Гордоста ја искривува верата, ја оладува љубовта; гордоста создава ереси, ја расцепкува Црквата, го жртвува доброто на целината заради лична угодност. Гордоста во суштина е отсуство на верата и на љубовта.

Бог, браќа, нека нè сочува од гордоста, прастара болест на човечкиот род за да бидеме секогаш едно тело и еден дух во нашиот Господ Исус Христос.

На Тебе Господи Исусе, на Тебе Главо на Црквата, на Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

22 НОЕМВРИ

1. Св. мч-чка Кикилија (Цицилија). Родена е во Рим од богати и познати родители. Имала голема вера во Христа Господа и голема ревност за верата. Откако Му дала завет на Бога за доживотно девство, света Кикилија носела груба рогузина под драгоцените алишта што ѝ ги дарувале родителите. А кога родителите ја присилиле на брак, и тоа со некој безбожник Валеријан, таа уште првата ноќ го посоветувала младоженецот да појде кај епископот Урбан и да се крсти, па потоа и самиот да живее со девствен живот. Откако ја примил верата Христова, Валеријан го обратил во неа и својот брат Тивуртиј. Потоа, наскоро и двајцата браќа биле заради верата осудени на смрт. Но нивната верност ни пред самата смрт не ослабела. Водени на губилиштето, овие прекрасни браќа успеале во верата да го обратат и водачот на стражарите, Максим. Сите тројца заедно пострадале за Христа Господа. Св. Кикилија ги погребала нивните тела заедно. Тогаш и Кикилија била изведена на суд, бидејќи неуморно ги придобивала незнабожците за Христовата вера. Само во една вечер таа придобила над 400 луѓе. Кога судијата ја прашал од каде толкава смелост, таа одговорила: „Од чиста совест и од непоколеблива вера“. По лутите маки, била осудена на исекување со меч. Џелатот трипати ја удрил со мечот по вратот, но не можел да ја убие, само ја ранил и од раната истекувала крв што верниците ја собирале во шамичиња, сунѓери и садови заради лекување. По три дена, маченичката и девицата Христова го предала својот дух на

својот Господ, со Кого вечно се весели. Св. Кикилија пострадала со останатите во 230 година. Нејзините мошти почиваат во црква со нејзиното име во Рим. Во Западната црква св. Кикилија се смета за заштитничка на црковното пеење и на музиката.

2. Св. Калист патријарх Цариградски. Наречен е Ксантопулос по келијата Ксантопула на Атонската Гора, каде што тој долго се подвизувал со својот другар Игнатиј. Со Игнатија св. Калист го опишал своето сопствено искуство за безмолвниот живот во 100 глави. Ова дело зазема многу видно место во подвижничката литература. Калист бил под големо влијание на својот учител св. Григориј Синаит, чие житие тој го напишал. Како Цариградски патријарх св. Калист еднаш отишол во Србија и на тоа патување се разболел и умрел (како што пред патувањето и му прорекол св. Максим Капсокаливит во Св. Гора).

3. Св. мч. Менигнос. Роден е од Хелеспот. Се занимавал со белење на платно заради што е наречен „Бел“. Во времето на царот Декиј тој ја искинал царската наредба за гонењето на христијаните. Затоа бил фрлен во затвор, каде што му се јавил самиот Господ и го охрабрил, говорејќи: „Не плаши се, јас сум со тебе!“ Тогаш неговите окови се растопиле како восок, затворот сам од себе се отворил и тој излегол. Бил повторно фатен и суден. Бил нечовечки мачен: му ги пресекле прстите од рацете и од нозете, па потоа го заклале. Неговата глава ноќе светела како свеќа.

4. Св. праведен Михаил војник. Бугарин по раѓање. Со својата дружина се борел во грчката војска против Агарјаните и Етиопјаните. Покажувал чудо од бестрашност. Убил страшна змија и ослободил девојка. Наскоро потоа се преселил во вечниот живот овој праведен човек. Живеел и умрел во IX век. Прво бил погребан некаде во Тракија, а во 1206 година, царот Кало Јован му ги пренесол моштите во Трново.

5. Св. ап. Филимон, Архип и Апфиј (види, 19 февруари).

РАСУДУВАЊЕ

Залуден е целиот труд околу учењето без труд околу чистата вера и животот. Небесниот свет не му се открива на учениот, туку на чистиот. Кога св. Кикилија била воведена

првата ноќ во брачната одаја со својот младоженец Валеријан, таа му рекла на младоженецот: „Сакам да ти кажам една тајна: овде е ангелот Божји, чуварот на мојата девственост, кого ти не го гледаш, тој стои овде и е подготвен да ме заштити мене, својата слугинка од насилство, само ако ме допреш, тој ќе те убие“. Кога го слушнал тоа Валеријан, почнал да ја моли Киликија да му го покаже ангелот за да го види. Девицата му одговорила: „Ти си човек кој не го познаваш вистинскиот Бог и не можеш да го видиш ангелот Божји додека не се очистиш од нечистотијата на своето неверување“. Кога Валериј се крстил, го видел ангелот во голема светлина и во неизречена убавина. Исто така и Тивуртиј, братот на Валеријан, кога се крстил и го променил својот живот од нечистотија во чистота, ги видел светите ангели и разговарал со нив. Исто така и Максим, неговиот страдалник, кога двајцата браќа биле убиени, се заколнал со голема клетва пред џелатите и пред народот наоколу, говорејќи: „Ги гледам ангелите Божји како светат како Сонце, како ги земаат душите од телата на мачениците како прекрасни девици од брачниот извор и како со голема слава ги изведуваат на небесата“. Но тоа што тој го видел не го виделе ниту можеле да го видат неверните и нечистите.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното создавање на светот, и тоа:

1. како Бог ја насадил рајската градина во Едем на исток и таму го сместил човекот;

2. како Бог направил та во Рајот никнале дрвја убави за гледање и добри за јадење;

3. како Бог ги извел пред човекот сите животни и човекот им дал имиња.

БЕСЕДА
за тоа што го прави
единството на верниците

Еден е Господ, една е верата, едно е крштавањето, еден е Бог и Отец на сите (Ефес. 4:5–6).

Еве голема, преголема, јасна и прејасна причина заради што ние сите христијани треба да го чуваме ***единството во духот во врска со мирот*** и да бидеме ***едно тело и еден дух***. Зашто имаме еден Господ Исус Христос, наш Создател, Искупител и Воскреснувач. И нема два вистински Христа за да има двојство помеѓу нас. Една иста крв е пролеана од Крстот за сите нас, како што една иста уста се молела за сите нас во Гетсиманија. Една вера имаме во Божествената Троица, неразделна и животворна, Отецот, Синот и Светиот Дух, едно суштество, три ипостаси: во Отецот нероден, во Синот роден и Духот Кој од Оца излегува. Едно крштавање имаме во името на Отецот и Синот и Светиот Дух; крштавање со трикратно потопување во водата, за смрт на гревот и на ѓаволот и за воскресение во животот на Христа Господа. Еден Бог и Отец на сите – тоа е Отецот на Господ Исус Христос, Синот Божји единородниот, Кој и нас преку Христа и заради Христа нè посинува и ни дава право да Му говориме: *Оче наш*. Гледате ли, браќа, кави врски нè поврзуваат. Со појаки врски ни ѕвездите не се поврзани помеѓу себе, ниту водата за земјата, ниту огнот во воздухот. Гледате ли, колку големи, преголеми причини нè повикуваат на единство? Сè друго што од левата страна ќе нè наговара на поделеност е ситно според овие причини како зрно песокспореден со високите планини. Не може ѓаволот да го разурне нашето единство, ако ние не му помогнеме. Не може ѓаволот никогаш да нè покори, ако сами не му се предадеме.

О Господи Исусе, сладок и благ, колку цврсто си нè поврзал за вечното добро! Сочувај нè во таа врска. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

23 НОЕМВРИ

1. Св. Амфилохиј еп. Иконисики. Сонародник другар и пријател на св. Василиј Велики и на други светители од IV век. Амфилохиј рано го оставил светскиот метеж и се повлекол во една пештера, каде што како отшелник поживеал во подвиг 40 години. Тогаш се случило да се испразни епископскиот трон во Иконија и Амфилохиј на чуден начин бил избран и посветен за епископ Иконисики. Прекрасен пастир и голем бранител на чистата православна вера. Учествувал на II вселенски собор во 381 година. Ревносно се борел против злочестивиот Македониј и против аријанците и Евномиј. Лично го молел царот Теодосиј Велики да ги изгони аријанците од секој град во државата. Царот не му ја исполнил желбата. По неколку дена, Амфилохиј пак му се јавил на царот. Кога епископот бил воведен во одајата за приеми, царот седел на престолот, а до него од десната страна му седел синот Аркадиј, кого Теодосиј го зел при себе за соцар. Кога станал, Амфилохиј му се поклонил на царот Теодосиј, а на Аркадиј, синот царски, не му обратил внимание како да не бил овде. Заради тоа Теодосиј се разгневил многу и наредил Амфилохиј веднаш да се избрка од дворецот. Тогаш светителот му рекол на царот: „Гледаш ли, цару, како не го поднесуваш понижувањето на синот; така и Бог Отецот не го трпи понижувањето на Својот Син, се одвраќа од оние кои хулат на Него и се гневи на сите поддржувачи на онаа проклета (Ариева) ерес“. Кога го слушнал тоа царот, разбрал зошто Амфилохиј не му оддал почест на неговиот син и се зачудил на мудроста и смелоста негова. Помеѓу многуте други трудови, св. Амфилохиј напишал и неколку книги за верата. Се упокоил во 395 година, во длабока старост и се преселил во бесмртниот живот.

2. Св. Григориј еп. Акрагантски. Роден на Сицилија, близу до градот Акраганта, каде што подоцна бил епископ, од благоверни родители Харитон и Теодотија. Целиот живот му е проткаен со прекрасни Божји чуда. На чуден начин отишол во Ерусалим, на чуден начин бил избран за епископ, на чуден начин се спасил од клевета. И самиот бил голем чудотворец, бидејќи бил голем Божји угодник, голем духовник и подвижник. Учествувал на V вселенски собор во Цариград. По тешките искушенија, мирно починал во почетокот на VII век (или кон крајот на VI век).

3. Св. Александар Невски. Син на кнезот Јарослав. Од малечок со срцето свртен кон Бога. Ги победил Швеѓаните на реката Нева, на 15 јули 1240 година, заради што е и наречен „Невски". Во таа прилика му се јавиле светителите Борис и Глеб на еден војвода на Александар и му ја ветиле сета помош на големиот кнез, својот роднина. Во татарската Златна Орда не сакал да се поклони на идолите ниту да помине низ огнот. Заради неговата мудрост и телесната сила и убавина, го почитувал и татарскиот кан. Ѕидал многу цркви и правел безбројни дела на милосрдие. Се упокоил во својата 43. година, на 14 ноември 1263 година. На 23 ноември се празнува пренесувањето на неговите мошти во градот Владимир.

4. Св. Митрофан еп. Воронежски. Славен руски јерарх, подвижник и родољуб. Другар и изобличувач на Петар Велики. Се упокоил на 23 ноември 1703 година. Чудотворните мошти му се откриени во 1832 година.

РАСУДУВАЊЕ

Бог им испраќа беда на праведниците за да ги прослави многу повеќе. Совладаната беда најсилно ја објавува Божјата слава и славата на праведникот. Св. Григориј Акрагантски во сè бил праведник и угодник Божји. Но Бог му испратил беда, слична на бедата што некогаш ги стасала св. Атанасиј и св. Макариј. Имено, двајца свештеници, Савин и Крискент, на кои Григориј им направил големи добрини, не можеле никако да ги поднесуваат добродетелите на Григорија, бидејќи таква е особината на порочноста, никако да не може да ја поднесува добродетелта. Савин и Крискен нашле некоја жена блудница и ја потплатиле да го накаже Григорија дека тој имал врска со неа. Еднаш кога Григориј бил во црквата, таа жена му се вовлекла во неговата соба за спиење и кога тој си дошол со народот од црква, таа жена излегла од неговата соба. Тогаш оние двајца свештеници почнале да му викаат на Григорија како на блудник. Григориј бил присебен и подготвен на секакво страдање. Го затвориле во затвор и го спровеле во Рим. Папата им поверувал на клеветниците и две и пол години го држел Григорија во затвор без суд или осуда. Тогаш бил свикан собор на кој требало да се пресуди предметот на Григориј. Но пред луѓето да пресудат, Бог пресудил. Таа жена полудела и како безумна ја довеле

пред соборот. Таа не можела ништо да одговори. Чудотворецот Григориј се помолил на Бога за неа и таа оздравела, бидејќи лошиот дух излегол од неа. Низ плач посведочила дека била потплатена да го накаже Божјиот човек и дека веднаш потоа лошиот дух ја нападнал и ја држел во својата власт. А на Савин и на Крискент со останатите клеветници – повеќе од 100 на број, наеднаш лицата им поцрнеле како нагорено дрво. Клеветниците биле казнети со прогонство. Свети Григориј бил вратен во својата епархија и со големо торжество бил примен од својот народ.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното создавање на светот, и тоа:

1. како Бог им ги дал на првите луѓе сите билки и сето родно овошје за храна;

2. како забранил да се јаде од дрвото на познавање на доброто и на злото под закана на смрт.

БЕСЕДА
за благодатта и за даровите

А на секого од нас благодатта му е дадена според мерката на дарот Христов (Ефес. 4:7).

Еве начело на разлика помеѓу христијаните. Прво апостолот го наброил она што нѐ прави еднакви, а тоа е: еден Господ, една вера, едно крштавање, еден Бог и Отец на сите. Сега, пак, го истакнува она, што е надвор од нашата волја, што нѐ прави нееднакви. Имено, нееднакви не прави мерката на дарот Христов, според која се дава благодатта на Светиот Дух. Христос е глава на големото тело што се вика Црква. Он го устроил тоа тело, и посебно секој член на тоа тело; Он е создател и Он е единствен познавач на планот на градбата. Он не дозволува еден член на таа градба да биде несразмерно голем или несразмерно мал. Он дава мерка на сѐ и на секого. Така, Он одмерува на еден пет таланти, на друг два, а на третиот само еден. Никој да не се лути и да не завидува. Да не се лути, бидејќи ако примил помалку и помалку ќе одговара; да не завидува, бидејќи тоа што некој

има повеќе не е негово, туку е Божјо. Ако ли има многу, многу од него и ќе се бара, сѐ како што е речено во божествената приказна за талантите.

О браќа мои, нека секој од нас биде свесен за мерката на својот дар и за својата одговорност. Да го почитуваме својот дар и дарот на нашиот сосед, бидејќи сите дарови се од Бога и се Божји.

Господи Исусе, Кој ги даваш големите и различните дарови, на Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

24 НОЕМВРИ

1. Св. вел. мч-чка Екатерина. Ќерка на царот Конст. По смртта на таткото, живеела со својата мајка во Александрија. Мајка ѝ била тајна христијанка, која преку својот духовен отец ја привела и Екатерина во верата Христова. Во една визија св. Екатерина примила прстен од самиот Господ Исус во знак на прстенување со Него. Тој прстен до денес стои на нејзината рака. Екатерина била многу надарена од Бога и многу добро образована во грчката филозофија, медицина, реторика, логика а покрај тоа, била и со необична телесна убавина. Кога злочестивиот цар Максенциј сам принесувал жртви на идолите и им наредувал и на другите тоа да го прават, св. Екатерина смело излегла пред царот и го изобличила за неговата идолопоклоничка заблуда. Кога ја видел царот посилна од него во мудроста и во знаењето, повикал 50 мудри луѓе да се препираат со неа за верата и да ја посрамат. Но Екатерина нив ги надмудрила и ги засрамила. Разлутениот цар наредил сите 50 мудреци да се изгорат во оган. Овие мудреци, по молитвата на св. Екатерина, пред смртта сите ја исповедале верата Христова и себе си се објавиле за христијани. Кога маченичката била во затвор, во вистинската вера го привела и царскиот војвода Порфириј со 200 војници, како и самата царица (августа – василиса). Сите пострадале за Христа. При мачењето на св. Екатерина, ангел Божји ѝ се јавил, го запрел и го искршил тркалото на кое била мачена светата девојка. Потоа ѝ се јавил самиот Господ Христос и ја утешил. По многу мачења, Екатерина била со меч исечена во својата 18. година, на 24 ноември 310 година. Од нејзиното тело истекло млеко на-

место крв. Нејзините чудотворни мошти ѝ почиваат на Синај.

2. Св. вел. мч. Меркуриј. Кога царот Декиј еднаш војувал против варварите, во неговата војска имало еден војвода на ерменскиот полк, по име Мартензес. Тој војвода се викал Меркуриј. Во борбата на Меркуриј му се јавил ангел Божји, му дал меч во рацете и му рекол дека тој ќе го победи непријателот. И навистина, Меркуриј покажал чудна храброст, сечејќи го со оној меч непријателот како трева. По таа славна победа, царот Декиј го назначил за прв војвода во својата војска. Но некои завидливци го оптужиле Меркурија пред царот како христијанин. Тоа Меркуриј пред царот не го скрил, туку отворено го признал. И Меркуриј бил долго и тешко мачен: со ножеви бил сечен на ремени, со оган бил горен. Ангел Божји му се јавил во затворот и го исцелил. Најпосле царот изрекол пресуда војводата Меркуриј да се исече со меч во Кападокија. Кога го исекле, неговото тело постанало бело како снег и од него излегувал преубав мирис од темјан. Многу болни се исцелиле од неговите чудотворни мошти. Овој прекрасен Христов војник пострадал за верата помеѓу 251 и 259 година.

3. Св. девица Мастридија. Живеела во Александрија и го поминувала својот самотен живот во молитва и во рачна работа. Некое момче распалено со телесна страст кон неа непрестајно ѝ досадувало. Не сакајќи да згреши пред Бога и гледајќи дека не може лесно да се спаси од расипаното момче, св. Мастридија еднаш го прашала, што најмногу го привлекува кај неа? Тоа одговорило: „Твоите очи!“ Тогаш Мастридија ја зела иглата со којашто шиела, па си ги избола очите. Така го спасила својот мир, а на момчето душата. Момчето многу се покајало и отишло во монаси.[23])

РАСУДУВАЊЕ

Приказна на старецот Варлаам на Јоасаф. Во некој град граѓаните имале обичај да земаат за цар човек туѓинец, кој не ги знае нивните закони и обичаи. Кога ќе го заца-

---

[23]) Оваа Мастридија изгледа дека не е истата личност со онаа која се споменува на 7 февруари. Тоа е Мастридија Ерусалимска, а оваа е Александриска. Таа заради соблазната побегнала во пустината, а оваа си ги избола своите очи.

реле, тие го облекувале во секаква раскош, го хранеле со сè изобилно и го опкружувале со секаква светлина. Но штом ќе поминела една година, тие го симнувале својот цар од престолот, му го одземале сето богатство, го соблекувале и сосема гол го протерувале на еден оддалечен остров каде што немал ни леб, ни покрив, ни другари и каде во беда и во понижување ќе го завршел својот живот. Тогаш граѓаните на тој град ќе избереле друг цар, пак туѓинец и пак само за една година; па трет, па четврт, па петти и така со ред. Така еднаш се случило да изберат еден многу мудар и многу внимателен човек. Тој од своите слуги дознал што се случува со царевите на тој град на крајот на годината, па во текот на целата година ревносно си собирал храна и богатство и секојдневно ги испраќал на тој остров. Кога поминала годината и кога бил симнат од престолот и бил фрлен гол островот, тој се нашол меѓу огромна количина на храна, сребро и злато и скапоцени камења и овде продолжил да живее уште подобро отколку што живеел како цар во тој град. **Толкување:** оној град го претставува овој свет, граѓаните ги претставуваат лошите духови, безумните и мудрите цареви – тоа се луѓето; безумните луѓе мислат само на уживањето во овој живот и го сметаат за вечно, но на крајот смртта прекинува сè и тие сиромашни од секакви добри дела одат во адот; мудрите, пак, прават многу добри дела и како богатство ги испраќаат тие добри дела пред себе во оној свет. По смртта, добрите луѓе – мудрите цареви – одат во оној свет каде што ги чека нивното натрупано богатство и каде што тие царуваат во поголем сјај и убавина отколку што царувале на земјата.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното создавање на светот, и тоа:

1. како Бог ги извел пред Адама сите животни, птици и ѕверови за да види како Адам ќе ги нарече;

2. како Адам му дал име на секое животинче, на секоја птица и на секој ѕвер.

БЕСЕДА

за Оној кој слегол и се издигнал

Слегнатиот е Истиот Кој се издигна повисоко од сите небеса за да исполни сè (Ефес. 4:10).

Господ Исус, според Своето човекољубие, се спуштил толку ниско што пониско не можело, а потоа се издигнал високо, толку високо што навистина повисоко не можело. Тој се спуштил во *најдолното место на земјата*, т.е. во самиот ад, од каде што ги ослободил и ги привел во небесното царство праотците, пророците и праведниците. Кога ја завршил Својата работа и на земјата и во адот, тој се вознесол *повисоко од небесата*. Се издигнал истиот Оној Кој и слегол, без никаква измена, освен што слегол без тело и се издигнал со тело. Значи, не е едно Синот Божји, а друго Синот Човечки, како што говореле еретиците, туку Синот Божји и Синот Човечки е една иста личност, еден ист Богочовек и Спасител наш Исус Христос. Како што е Он ист и вчера, и денес и утре, така е ист и во низината и во височината, на земјата, во адот и на небесата. Се симнал пониско од сите луѓе, а се издигнал над сите ангелски сили. За да ја покаже со Својот пример вистинитоста на Своите зборови: *Зашто кој се воздига ќе биде понижен, а кој се понижува, ќе биде воздигнат* (Мт. 23:12). Ако не се понижиме според добродетелта, ќе не понижи гревот. Добродетелта води кон доброволно и привремено понижување, а гревот кон неповратно и вечно понижување.

О Господи Исусе Кој исполнуваш сè со Својата сила, исполни нè и нас со дух на вистинска смиреност. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

25 НОЕМВРИ

1. Свешт. мч. Климент еп. Римски. Роден е во Рим од царски род, современик на светите апостоли. Неговата мајка и двајцата браќа пловејќи по морето од бурата биле разнесени на разни страни; татко му отишол да ги бара жената и синовите, па и тој се изгубил. Тогаш Климент, бидеј-

ќи имал 24 години, тргнал на исток да ги бара своите родители и браќата. Во Александрија го запознал апостолот Варнава, а потоа му се придружил на апостол Петар, по кого веќе врвеле неговите двајца браќа Фаустин и Фаустинијан. По Божја промисла, апостолот Петар наишол на мајката од Климент, како старица просјачка, а потоа и на таткото. И така целото семејство повторно се составило и сите како христијани се вратиле во Рим. Климент не се одделувал од големиот апостол, кој пред својата смрт го поставил за епископ. По маченичката смрт на Петар, епископ во Рим бил Лин, потоа Клит, и двајцата за кусо време, па потоа Климент. Со огнена ревност Климент управувал со Црквата Божја и обраќал во верата Христова од ден на ден голем број неверници. Тој одредил седум брзописци да ги пишуваат житијата на христијаните – маченици, кои во тоа време страдале за својот Господ. Царот Трајан го протерал во Херсон каде што Климент нашол околу 2000 изгонети христијани. Сите биле зафатени со тешка работа да делкаат камен на едно безводно и пусто место. Христијаните го примиле Климента со голема радост и тој им бил жив извор на утеха. Со својата молитва извадил вода од земјата и во христијанството обратил толкав број на неверни мештани што за една година на тоа место биле изградени 75 цркви. За да не ја шири и понатаму верата Христова, Климент бил осуден на смрт и бил удавен во морето со камен околу вратот во 101 година. Неговите чудотворни мошти биле извадени од морето дури во времето на св. Кирил и Методиј.

2. Свешт. мч. Петар архиеп. Александриски. Ученик и следбеник на св. Теона архиепископот Александриски. Некое време бил учител во познатото философско училиште на Ориген. На архиепископскиот престол стапил во 299 година, а маченички завршил при гробот на св. Марко во 311 година. Со Црквата управувал во многу тешко време кога над верниците се извршувале насилства и однадвор од неверниците и однатре од еретиците. Во негово време во Александрија пострадале 670 христијани. Често цели семејства биле изведувани на губилиште и погубувани. Во тоа време лошиот еретик Ариј ги збунувал верниците со своето погрешно учење. Св. Петар го одлачил од Црквата и го проколнал и во овој свет и во оној. Во затворот самиот Господ му се јавил на овој голем и прекрасен светител.

3. Преп. Пафнутиј. Никогаш не пиел вино. Еднаш бил фатен од разбојници и арамбаши и го присилиле да ис-

пие една чаша вино. Кога ја видел добродушноста на Пафнутиј, арамбашата се покајал и го напуштил своето разбојничко дејствување.

РАСУДУВАЊЕ

Се раскажува за св. Петар Александриски дека никогаш не се искачил и не седнал на патријаршискиот престол во црквата, туку стоел и седел пред скалите на престолот. Кога верниците почнале да негодуваат затоа што нивниот архијереј не седи на своето место, тој им одговорил: „Кога и да се приближам до престолот, гледам некоја небесна светлина и сила на него, па затоа не се осудувам да се искачам и да седнам“. Освен ова видение, св. Петар имал и едно друго, уште почудно. Кога седел во затворот, лошиот еретик Ариј лицемерно се преправал како да се кае за својата ерес и му испратил порака на Петар да го прими во неговата црква. Ова Ариј го направил само затоа што мислел дека Петар ќе биде погубен, та тој да се дофати до патријаршискиот престол од каде што потоа ќе ја шири и ќе ја утврдува својата ерес. Пред што и да одговори, Петар се молел на Бога во затворот. За време на молитвата, необична светлина ја осветлила затворската келија и се појавил Господ Исус како дванаесетгодишно момче, светејќи појасно од Сонцето, така што не можело да се гледа во Него. Господ бил облечен во бела наметка (хитон) што била напред расцепена озгора до долу. И Господ со рацете ја држел наметката околу Себе како да сака да ја скрие Својата голотија. Кога го видел ова Петар многу се исплашил и се ужасил, па извикнал: „Кој, Спасителу, ти ја искина ризата?“ Господ му одговорил: „Безумниот Ариј. Тој ми ја искина, бидејќи ги оддели од мене моите луѓе кои ги придобив преку мојата крв. Внимавај да не го примиш да општи со Црквата, бидејќи има лукави и лажни мисли за Мене и за Моите луѓе“. Кога го слушнал тоа св. Петар, на своите свештеници Ахил и Александар им одговорил дека тој не може да ја прими молбата на Ариј, бидејќи таа е лажна и лукава. И светителот изрекол проклетство на Ариј во двата света. Уште прорекол дека по него патријарх прво ќе биде Ахил, а потоа Александар. И така било.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното создавање на светот, и тоа:

1. како Бог му пуштил тврд сон на Адама и му зел едно ребро;

2. како Господ Бог од Адамовото ребро ја создал жената Ева и ја привел кај Адама.

3. како е овде основата и причината на тајната привлечност и единството на мажот и жената.

БЕСЕДА
за разделувањето на службата и звањето

И Он постави едни за апостоли, други за пророци, трети за евангелисти, четврти за пастири и учители (Ефес. 4:11).

Како што во човечкото тело разните органи имаат различни служби, но сите дејствуваат во хармонија за доброто на целото тело, така Господ востановил и во Црквата, која е Негово тело, разни органи со разни служби. На прво место доаѓаат апостолите на кои не им е дадена само една чест, но сите почести на службата, не една служба, но сите служби, не еден дар, но сите благодатни дарови. Апостолите истовремено биле и апостоли и пророци, и благовесници, пастири и учители. Звањето на апостолите повеќе не се повторува. Имало 12 големи апостоли и тринаесеттиот апостол Павле, а мали апостоли имало 70. Пророци се оние кои примиле дар на прорекување од Светиот Дух. Овде не се мисли на старозаветните пророци, туку на новозаветните (Дела, 11;27; 21:10; 13:1). Пророците биле и се без обѕир на сталежот и положбата. Благовесници се прво евангелистите, кои ги напишале евангелијата, потоа се мисионерите, кои го ширеле Христовото учење помеѓу неверните, најпосле се толкувачите на ***Светото писмо,*** кои писмено ја изложувале христијанската вистина за сè и за секого. Пастирите и учителите, тоа е едно исто звање, бидејќи тешко може да се замисли пастир да не е учител во исто време. Пастирите се ограничени на едно место и на извесен број на верници, кои тие ги раководат кон спасението и управуваат со Црквата

Божја. Така Господ уредил сè преку своите свети апостоли. Блазе му на оној кој си ја знае својата служба и дарот од духот е примен и кој ќе послужи до крајот според назначувањето. Како што Светиот Дух сега раздава дарови, така Господ во свое време ќе раздава награди.

О Господи, Духу Свети, Боже вистинит, помогни ни до крајот во смирение да ги употребиме Твоите дарови на добро на Црквата Христова и на наше вечно спасение. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

26 НОЕМВРИ

1. Преп. Алимпиј Столпник. Роден е во Адријанопол, град пафлагониски и од мал бил предаден на Бога да Му служи. Како ѓакон служел во црквата при епископот Теодор, во тој град. Бидејќи многу сакал осаменички живот, молитва и богомислие, Алимпиј се оддалечил на некои елински гробишта надвор од градот, од каде што луѓето бегале како од страшилиште заради честите демонски привиденија. Овде тој поставил крст, изградил храм во чест на св. Ефимија, која му се јавила на сон. Покрај храмот изградил висок столб, се искачил на него и овде во пост и во молитва поминал цели 53 години. Ниту потсмевот на луѓето, ниту лошотијата на демоните не можеле оттаму да го оддалечат, ниту да го поколебаат во неговата намера. Овој светител, посебно од демоните, претрпел големи беди. Не само што демоните со разни привиденија го плашеле, туку и со камења го удирале и не му давале мир ни дење ни ноќе подолго време. Но мажествениот Алимпиј се оградувал себе си од демонските сили со крстниот знак и со името на Исуса. Најпосле победените демони го оставиле и побегнале, а луѓето почнале да го почитуваат и да доаѓаат кај него: заради молитви, утеха, поука и исцеление. Околу неговиот столб биле подигнати два манастира од едната страна машки, а од другата женски. Во женскиот манастир живееле и неговата мајка и сестра му. Св. Алимпиј ги раководел монасите и монахињите од својот столб со пример и со зборови и им светел на сите како Сонце од небесата, покажувајќи им го патот кон спасението. Овој Божји угодник имал толкава благодат што честопати го осветлувала некаква светлина и над него се воздигнувал столб од таа светлина до небесата. Алимпиј

бил чуден и моќен чудотворец како во животот така и по смртта. Поживеал 100 години и се упокоил во 640 година, во времето на царот Ираклиј. Од неговите свети мошти е сочувана главата во Котломашкиот манастир во Св. Гора.

2. Преп. Јаков Отшелник. Од Сирија. Ученик на св. Марон (14 февруари) и современик на св. Симеон Столпник. Се подвизувал под отворено небо, се хранел со накисната леќа. Правел големи чуда, дури и мртви воскреснувал со името Христово. Царот Лав него го прашувал што мисли за Халкидонскиот собор. Мирно се упокоил во 457 година.

3. Преп. Стилијан. Пафлагонец, сонародник и современик на св. Алимпиј. Имал преголема љубов кон Господа Исуса и заради таа љубов се предавал на големи подвизи. Од сè се одрекол, само да има неподелена љубов кон својот Господ. Пред смртта, му се јавиле ангели да му ја земат душата и лицето му засветело како Сонце. Бил голем чудотворец пред и по смртта. Им помагал посебно на болните деца и на бездетните родители.

4. Преп. Никон 'Покајание". Родум од Ерменија. Побуден од зборовите Господови: *Секој шѿо ќе ѓи осѿави ѿаѿкоѿо или мајкаѿа, ќе добие сѿоѿаѿи ѿовеќе и ќе наследи живоѿ вечен*, Никон навистина оставил сè заради Христа, отишол во некој манастир и се замонашил. Кога се усовршил во сите добродетели, тој го напуштил манастирот и тргнал да им го проповеда на луѓето ***Еванѓелиеѿо***. Непрестајно викал: *Покајѿе се*! Заради тоа бил именуван „Покајание". Како Проповедник тој ја поминал цела Анадолија и Пелопонез. Направил чуда со молитвата во името Христово и мирно преминал кај својот љубен Господ. Завршил во Спарта во 998 година.

5. Св. Инокентиј Иркутски, чудотворец. Починал во 1731 година. Неговите чудотворни мошти се откриени во 1804 година.

РАСУДУВАЊЕ

Многу учени незнабожци станале членови на Христовата Црква и се крстиле само затоа што Црквата Христова проповеда бесмртен живот како еден докажан факт, а не како некое предвидување на човечкиот разум. Свети Климент Римски ја изучил грчката филозофија и неговата душа останала незаситена и празна. Како момче од 24 години тој

посакал со својата душа да дознае дали има уште некој живот, освен овој, и подобар од овој. Филозофијата му давала само мислења на разни луѓе, но никако вистински доказ. Тој тагувал по своите изгубени родители и браќа и непрестајно се измачувал со прашањето: дали ќе се види со нив во некој друг живот. Бог, Кој сè гледа, ги упатил неговите чекори да се сретне со човекот кој му кажал за христијаните и за нивната вера во задгробниот живот. Тоа го побудило младиот Климент веднаш да тргне од Рим во Јудеја, та таму, во самата колевка на христијанската вера, да дојде до сигурно сознание во однос на задгробниот живот. Кога ја слушнал проповедта на апостол Петар, целата заснована на Христа воскреснатиот од мртвите, Климент ги презрел сите филозофски претпоставки и срдечно ја усвоил Христовата вера, се крстил и се предал на служба Божја. Така било тогаш, така е и денес: кој има силна вера во воскреснатиот Христос и јасно сознание за задгробниот живот и судот, тој лесно се решава за плаќање на цената за влегување во тој живот, т.е. да ги исполнува сите Божји заповеди.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудното создавање на светот, и тоа:

1. како Господ Бог го создал човекот и жената од човекот;

2. како Адам и Ева биле голи и немале срам, бидејќи уште не знаеле за гревот.

БЕСЕДА
за целта на разделување на даровите, службата и звањето

За усовршување на свеШииШе во делоШо на служењеШо, за изГрадување на ХрисШовоШо Шело (Ефес. 4:12).

Затоа Светиот Дух ги разделил даровите и направил едни апостоли, други пророци, трети благовесници, пастири и учители, *Ша свеШииШе*, односно христијаните, *да се усовршаШ*. Како што се поделени честа и службата во еден

дом, та една чест и служба имаат родителите, друга чест и служба имаат возрасните синови и ќерки, трета чест и служба имаат малите деца и слугите, но сите заедно служат во полза еден на друг, така и во домот Божји, во светата Црква: со секоја чест е поврзана и соодветна служба, а службата на сите е полезна за сите. Така постапно и мудро се гради Христовото тело, светата Божја Црква. Секој верник, помогнат од другите, расте и се развива како член на тоа тело во светост и во чистота и во мерка што одговара и е во сразмер според големината на целото тело. А целото тело од почетокот до крајот на времето, посебно од овоплотувањето на Бог Словото на земјата, па до Страшниот Суд, е светата Божја Црква. Телото – достојно на бесмртноста, градбата – достојна на Бога. Човечкото око не може цела да ја прегледа, ниту умот човечки може да ја разбере градбата од избран материјал, од живи тули, од очи и срца. Без грубост и грдотија, без гнилеж и нетрајност. Сѐ е на свое место, сѐ е прекрасно во целина и во делови. Еве ја, браќа, целта на нашето патување! Еве ја смислата на нашето горење во печката на страданијата! Еве го нашиот живот подобар од сите наши планови и поубав од сите наши желби.

О Господи Исусе, човекољубив Господи наш, не отфрлај нѐ како лош материјал, но изделкај нѐ и вгради нѐ во Твоето бесмртно тело. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

27 НОЕМВРИ

1. Св. мч. Јаков Персијанец. Роден е во персискиот град Елап или Вилат, од христијански родители, во христијанска вера воспитан и со христијанска жена оженет. Персискиот цар Издигерд го сакал Јакова заради неговата надареност и снаодливост и го направил племеник на својот двор. Поласкан од царот, Јаков се прелагал и принесол жртва на идолите на кои и царот им се поклонувал. Кога за тоа слушнале неговата мајка и жена му, му испратиле едно прекорно писмо во кое го оплакувале како богоотстапник и душевен мртовец, сепак кон крајот на писмото го молеле да се покае и да се врати кон Христа. Погоден со ова писмо, Јаков горко се покајал и пред царот смело ја исповедал својата вера во Христа Господа. Разлутениот цар го осудил на смрт,

но така да му се сече дел по дел од телото сè додека не издивне. Џелатите целосно ја исполниле оваа заповед на својот нечестив цар и на Јакова прво му ги пресекле прстите на рацете, па прстите на нозете, па нозете, рацете, рамената и најпосле главата. При секое сечење маченикот оддавал благодарност кон Бога. Од неговите рани излегувал благопријатен мирис како од кипарис. Така овој прекрасен човек го покајал својот грев и со душата се претставил пред Христа својот Бог во небесното царство. Пострадал околу 400 година. Неговата глава се наоѓа во Рим, а дел од моштите во Португалија, каде што се празнува на 22 мај.

2. Седумнаесет Индиски преп. маченици. Христијански монаси кои пострадале од индискиот цар Авенир. Разлутен на старецот Варлаам затоа што му го крстил синот Јоасаф, царот Авенир испратил потера по Варлаам. Потерата не го фатила Варлаама, туку фатила други 17 монаси и ги довела пред царот. Царот ги осудил на смрт. Откако прво им ги избоделе очите, им ги отсекле јазиците, им ги искршиле нозете и рацете, ги исекле со меч. Но со крвта на овие Христови витези уште повеќе се утврдила верата Христова во Индиското Царство.

3. Преп. Роман чудотворец. Се подвизувал во околината на Антиохија. Во својата келија никогаш не палел оган ниту свеќа. Мирно завршил. Чудотворец за време на животот и по смртта. Им помагал на неплодните жени кога му се молеле.

4. Преп. Пинуфриј. Современик на св. Касијан (29 февруари) и голем египетски подвижник. Живеел во IV век и се подвизувал на разни места, секогаш бегајќи од човечките пофалби. Имал многу ученици кои се труделе да го подржуваат возвишениот пример на својот учител.

5. Преп. Натанаил. Нитриски монах. Денонокно се молел на Бога и се просветувал со размислување за божествените работи. Од својата келија не излегувал ни преку прагот полни 38 години. Се упокоил во Господа во втората половина на VI век.

РАСУДУВАЊЕ

Кога џелатот му го пресекол палецот од десната рака на св. Јаков, тој рекол: „И лозата така се обрежува за на неа да израсне млада фиданка“. При отсекувањето на другиот

прст, му рекол: „Прими ја, Господи, и другата гранка од Твојот расадник". При отсекувањето на третиот прст рекол: „Го благословувам Отецот и Синот и Светиот Дух". При отсекувањето на четвртиот прст рекол: „Ти Којшто примаш пофалби од четирите животни, прими го страданието на четвртиот прст". При отсекувањето на петтиот прст рекол: „Да се исполни мојата веселба како на свадбата со петте мудри девојки". При отсекувањето на шестиот прст рекол: „Пофалба на Тебе Господи, Кој во шестиот час си ги распрострел на Крстот Твоите пречисти раце, што си ме удостоил да ти го принесам мојот шести прст". При отсекувањето на седмиот прст рекол: „Слично на Давид кој Те прославуваше седум пати на ден, така и јас денес Те прославувам преку седумте прсти, отсечени заради Тебе". При отсекувањето на осмиот прст рекол: „Ти сам Господи, си се обрезал во осмиот ден". При отсекувањето на деветтиот прст, рекол: „Во деветтиот час Ти си го предал Твојот дух во рацете на Својот Отец, Христе мој, и јас тебе ти принесувам пофалба при страдањето на деветтиот прст". При отсекувањето на десеттиот прст рекол: „На харфа со десет струни Ти пеам на Тебе, Боже, и Ти благодарам што си ме удостоил да го претрпам отсекувањето на десетте мои прсти на моите две раце за десетте заповеди напишани на двете табли". О колку чудна вера и љубов! О витешка душа кај Христовиот витез!

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудниот Божји Рај, и тоа:

1. како бил прекрасен Рајот и однадвор и однатре;

2. како сè живо се покорувало безусловно на човекот, а човекот на Бога.

БЕСЕДА
за совршениот човек

Додека сите не стигнеме до единство во верата и познавање на Синот Божји, до состојба на совршен маж, до мера на полната возраст на Христовото совршенство (Ефес. 4:13).

Единството на верата, браќа, и познавањето на Синот Божји, Господа Исуса Христа Спасителот, соединува двајца луѓе во еден човек, илјада луѓе во еден човек и многу милиони луѓе во еден човек. Единството на верата во Христа Господа ги соединува луѓето посилно од крвта, посилно од јазикот, посилно од надворешните околности и материјалните врски. Кога многу души мислат едно исто, едно исто сакаат и бараат, тогаш тие многу души се како една душа, една голема и моќна душа. Телесните разлики притоа малку значат и малку се земаат во обѕир. Така едноличните души се ѕидаат во *совршен човек до мерка на полна возраст на Христовото совршенство*. Во совршената целина деловите се совршени. Секоја христијанска душа е дел од *совршениот човек*. Христос е совршен човек на Кого црквата е таинствено тело. Он со Себе го исполнува секој кој верува во Него според мерката на својата возраст. Он е полнота над полнотите, жив извор што тече и исполнува секоја празнина. Односно, доколку човекот ќе се испразни од сè што не е Христос, дотолку повеќе Христос навлегува во него и го исполнува. О браќа мои, покрај силната вера потребна е длабочина на смирението, та Живата Вода да се влее во нас. И во природата гледаме дека пониското земјиште водата полесно го наводнува. Колку што е пониско нашето смирено понижување пред Господа Исуса, толку по доброволно Он слегува во нас и нè наводнува со Својата животворност и нè исполнува како Свој сад со Својата бесмртна полнота.

О Господи Исусе, полнота на животот, мудроста, убавината и сладоста, помогни ни да се понижиме пред Твоето Божествено величие за да се удостоиме со Твојата посета. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

28 НОЕМВРИ

1. Преп. мч. Стефан Нов. Како некогаш Ана, мајката на Самоил, така и Ана, мајката на Стефан, се молела на Бога да ѝ даде еден син. Молејќи се така еднаш во црквата Влахерна пред иконата на Пресвета Дева, ја совладал лесен сон во којшто ја видела Пресветата Дева како сјајно сонце и слушнала глас од неа: „Оди жено, со мир, според твојата молитва имаш син во твојата утроба". И навистина, Ана зачнала и родила син, овој св. Стефан. Во 16. година Стефан примил монашки чин на Аксентиевата гора кај Цариград од старецот Јован, од кого се научил на божествена мудрост и на подвижништво. А кога старецот Јован се упокоил во Господа, Стефан останал на таа гора строго подвизувајќи се и приложувајќи труд на трудот. Неговата светост привлекла многу ученици. Кога царот Константин Копроним ги прогонувал иконите, уште пожестоко од својот татко Лав Исавријанец, Стефан се покажал како ревносен заштитник на почитувањето на светите икони. Безумниот цар добивал разни гнасни клевети против Стефана, а и самиот му правел разни сплетки, само да го скрши Стефана и да го тргне од патот. Стефан бил прогонет на островот Проконис, потоа бил доведен во Цариград, бил окован и фрлен во затвор каде што го сретнале 342 затворени монаси, доведени од разни страни во затвор фрлени заради иконопочитувањето. Во затворот тие го извршувале сето црковно правило како во манастир. Лошиот цар го осудил Стефана на смрт. Светителот ја предвидел својата смрт 40 дена порано и се опростил со браќата. Слугите на царот го извлекле од затворот и тепајќи го и влечејќи го по цариградските улици, ги повикувале сите оние кои се со царот со камења да го удираат „царскиот противник" Некој од еретиците со дрво го удрил светителот по глава и тој починал. Како што св. Стефан првомаченикот пострадал од Евреите, така и овој Стефан пострадал од иконо-борните еретици. Овој славен Христов војник пострадал во 767 година, во 53 година од својот земен живот и бил овенчан со неувенлива слава.

2. Св. новомч. Христо. Албански христијанин, населен во Цариград, бавчанџија по занимање. При продажба на својот зеленчук, тој се замерил со некој Турчин, којшто го наклеветил пред судот, дека ветил ќе се потурчи, па потоа се откажал. По испитувањата, бил окован и фрлен в затвор. Во затворот некој му понудил да јаде, а Христо го одбил,

велејќи: „Подобро гладен да се појавам пред мојот Христос“. Потоа извадил еден заврзок пари што го имал под појасот и му ги дал на некој затвореник, со молба да му се отслужат неколку заупокоени литургии. Бил погубен од Турците во 1748 година и засекогаш се прославил во царството на Христа Бога.

3. Преп. Ана. Благородна жена, која по смртта на својот маж била потстрижана во монаштвото од св. Стефан Нов. Царот Копроним ја наговарал да измами дека имала недозволени телесни врски со св. Стефан за да може да го понижи пред народот. Но оваа света жена никако не сакала да навлезе во таа сплетка на царот против светителот кого го почитувала како свој духовен отец. Заради тоа била камшикувана, а потоа и во затвор фрлена каде што ја предала својата света душа на Бога.

4. Св. благоверен цар Маврикиј. Погубен со петте свои синови од царот Фока во 602 година.

5. Св. 15 Тивериополски (Струмички) свешт. мчци.[24]) Кога се зацарил императорот Јулијан Отстапник (361–363 г.) и кога почнал да ги прогонува христијаните, од Никеја во Солун, а оттаму во Тивериопол, избегале епископите: Теодор (член на Првиот вселенски собор од 325 год.), и Тимотеј, како и монасите Комасиј и Евсевиј. На нив им се придружиле месните свештеници Петар, Јован, Сергиј, Теодор (вториот) и Никифор, ѓаконите: Василиј и Тома, монасите Јеротеј, Харитон и Даниил, како и еден мирјанин – Сократ. Тие биле цврсти во своите христијански убедувања. За нив се слушнало во Солун и управителите на областа се упатиле кон нив, ги фатиле и по едно просто судење ги убиле на 28 ноември 362 година. Благочестивите христијани секој од нив го ставиле во посебен ковчег од камен и на секого му го напишале името и чинот врз горната плоча на ковчегот. Бог ги надарил моштите на овие свети маченици со посебна чудотворна сила. При нападот на варварите, целиот град бил разурнат и моштите долго време останале под урнатините на храмот. Во времето на благоверниот цар Борис–Михаил, чудата што се случувале на тоа место му го свртиле вниманието и по негова заповед моштите биле ис-

---

[24]) За овие свети 15 Тивериополски маченици во *Пролоіов* од еп. Николај не постои ништо. За нив се земени информации од *Житија на свешиише*, издание на Светиот Синод на Бугарската православна црква, од 1991 година.

копани од земјата. Царот во чест на светите маченици изградил нова црква во стариот град Брегалница (неговото место сѐ уште не ѝ е познато на науката). Во таа црква биле назначени духовници, обучени од св. Климент Охридски, кои го извршувале богослужението на разбирлив јазик. Таму ги пренесле заради противењето на струмичани, моштите само на тројца од 15–те маченици: на Тимотеј, на Комасиј и на Евсевиј, а другите останале во Струмица. Синот на царот Борис, Симеон Велики заповедал таму да ги пренесат и моштите на останатите светители.

Народ од сите краишта доаѓал да им се поклони на моштите на светите маченици и секој добивал милост според потребата: слепородена жена од Струмица прогледала од раката на св. мч. Петар; сакат граѓанин од Брегалница се излекувал преку допир до светите мошти; момче од Главеница што било родено немо, добило дар да зборува; нем старец на Велигден ги целивал моштите и проговарајќи, рекол: „Господи, помилуј!“; парализиран човек закрепнал и станал потполно здрав; некој тешко болен од градот Меглен добил исцеление...

Подоцна тој град бил срамнет со земјата. Тоа можеби се случило при нападите на Турците. Така моштите на светите 15 маченици останале скриени во земјата дури до наши дни. Во Струмица е зачувана само една рака на некој од мачениците. Можно е таа да е раката на св. Петар, зашто според житието, само на него му биле отсечени рацете. Многу чуда на исцелување извршила таа рака, но некој Грк, напуштајќи ја Струмица по Балканската војна (1913 г.) ја однел со себе во градот Кукуш. Во Струмица останал само живиот спомен кај благочестивиот народ, кој и досега многу торжествено го празнува денот 28 ноември, на местото каде што, според претпоставка, биле убиени светите маченици и каде што се случуваат чуда и во наши дни според нивните молитви.

РАСУДУВАЊЕ

Читајќи ги примерите за постојаност во верата и великодушност на светителите Божји, и ние постануваме великодушни и постојани во верата. Кога луѓето на Копроним му нуделе на св. Стефан да се откаже од иконопочитувањето и со тоа да му угоди на иконоборниот цар, Стефан ја пру-

жил раката, ја свиткал дланката и рекол: „Кога би имал во себе само една единствена дланка со крв, и неа би ја пролеал за иконата Христова“. Царот Маврикиј имал шест синови, од кои шестиот и најмладиот уште бил доенче. За тој свој најмлад син царот во дворецот имал посебна доилка која го хранела. Доживеал тешка судбина царот Маврикиј: Фока го симнал од престолот и го осудил на смрт заедно со сите шест негови синови. Пред очите на Маврикиј неговите синови еден по еден биле убивани. Кога доилката требало да го даде и шестиот царски син за да биде погубен, таа великодушно се сожалила над судбината на несреќниот цар и на неговите деца, па во тој момент се решила да го сочува барем тој еден царев син во живот. Затоа, кога ѝ го побарале од градите царскиот син, таа го подметнала својот син, та тој бил исечен. Најпосле бил погубен и царот Маврикиј. Најмладиот син на царот Маврикиј пораснал, сметајќи ја својата доилка за своја мајка. Кога доилката му ја открила целата тајна, тој многу се замислил, го оставил светот и се повлекол на синајската гора. Таму се замонашил и се посветил на Бога, та со тој свој дел да го освети она невино доенче кое било фрлено во смрт наместо него.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудниот Рај Божји, и тоа:

1. како тоа било царство на невиност, чистота и правда;

2. како овде немало ни трага од болест и од смрт, бидејќи немало ни помисла за гревот.

БЕСЕДА

за тоа како верните треба да растат

Туку со вистинска љубов во сѐ да растеме во Оној Кој е глава, Христос (Ефес. 4:15).

Еве, браќа, сѐ што се бара од нас на ова земно патување: да се држиме до вистината и да живееме во љубов. Вистината е откриена со Христа Господа и пример на љубовта е даден во Христа Господа. Ниту може да се дојде до

вистината без Христа Господа ниту, пак, може да се најде пример на вистинска љубов без Него. Кога го видел овој единствен вистински пат кон светлината и спасението, во сплет со многу лажни патишта, апостолот Павле претходно опоменува: *Да не бидеме веќе мали деца што ги лула и занесува секој ветер на лажните учења* (Ефес. 4:14). Вистината може да ја открие само Бог, вистинската љубов може да ја покаже само Бог. Еден човек може да знае повеќе отколку друг човек, но вистината може да ја открие само Бог. На човекот му доаѓаат мисли како ветар и привиденијата му се чинат вистински. Заведен со своите мисли, еден човек го заведува другиот човек; еден човек измамен со привиденија, го мами другиот човек. А вистината е во Бога и од Бога. Христос, браќа, е сета наша вистина и сета наша љубов. Кога мислиме на Христа, ние мислиме вистина; кога делуваме според Христа, ние делуваме добро; кога Го љубиме Христа, ние ја љубиме љубовта. Со Христа ние живееме, со Христа растеме, со Христа стануваме бесмртни и се прославуваме. Он е наша глава – не само главар на едно друштво туку вистинска глава на едно живо тело на кое сме ние членови. Придржувајќи ја вистината и љубовта, ние се удостојуваме да престојуваме вечно во тоа Христово тело.

О Христе Господи, пречудна вистино и премила љубов наша, дојди во нас и прими нè нас во Себе. На тебе слава и вечна пофалба. Амин.

29 НОЕМВРИ

1. Св. мч. Парамон и други 370. Во Азиска Витинија некој кнез Аквилин страшно ги гонел христијаните. Еднаш тој фатил 370 христијани и врзани ги повел со себе на некое место каде што имало идолски храм на идолскиот бог Посејдон. Овде лошиот кнез ги присилувал да се поклонат на идолот и да му принесат жртва. Иако кнезот се заканувал со смртна казна за оној што нема да ја послуша неговата заповед, ниеден христијанин не му се покорил. Во тој час по патот покрај храмот поминувал некој чесен човек по име Парамон. Тој застанал кај групата врзани луѓе и се распрашал за што се работи, па кога дознал, извикнал: „О колку невини праведници сака нечистиот кнез да ги заколе затоа што не се поклонуваат на мртвите и немите негови идоли“.

И Парамон го продолжил својот пат. Тогаш разлутениот кнез ги испратил своите слуги да го убијат Парамона. Слугите го стасале Парамона, го фатиле, па прво му го проболе јазикот со трн, потоа го соблекле и така целото тело му го изболе. Светиот Парамон со молитва во срцето ја предал својата душа на Бога. Потоа и оние 370 маченици, големи како синови Божји и невини како јагниња, биле со меч исечени, та преминале во бесмртното царство на Христа Господа. Пострадале во 250 година.

2. Преп. Акакиј Синајски. Во својата славна книга „Лествица" св. Јован Лествичник го раскажува житието на овој светител. Младиот Акакиј бил искушеник кај некој лош старец во Синајскиот манастир. Гневниот старец секојдневно го укорувал и го карал Акакија, а често и го тепал и на сите начини го мачел и го малтретирал. Но Акакиј не се жалел, туку сето тоа трпеливо го поднесувал, со уверување дека тоа е полезно за неговото спасение. Кога некој ќе го прашал како живее, тој ќе одговорел: „Добро, како пред Господа Бога!" По 9 години послушание и мачење, Акакиј умрел. Старецот го погребал, па отишол и се пожалил на некој друг свет старец, велејќи: „Акакиј, мојот ученик умре". „Не верувам" – му одговорил светиот старец, „Акакиј не умре". Тогаш и двајцата отишле на гробот на починатиот и светиот старец извикнал: „Брате Акакиј, дали ти умре?" А послушниот Акакиј, и по смртта послушен, одговорил: „Не умрев, оче, не е можно да умре послушниот". Тогаш лошиот старец се покајал, се затворил во една келија близу до гробот на Акакиј и тука во покајание и во молитва го поминал остатокот од својот живот.

3. Св. мч. Дионисиј еп. Коринтски. Познат пастир и учител. Бил исечен за Христа во 182 година.

4. Св. Тиридат цар ерменски. Современик на Диоклецијан. Прво страшно ги гонел христијаните. Но го стасала Божја казна, тој полудел и постанал сличен на животно како некогаш Навуходоносор. Од лудилото на чуден начин го исцелил св. Григориј (види, 30 септември). Отогаш, па до смртта Тиридат поминал во покајание и благочестие. Мирно завршил во IV век.

5. Св. мч. Аполониј. Римски сенатор. Оптужен за верата во Христа, тој ја исповедал својата вера пред целиот Сенат заради што бил со меч исечен во Рим, во 186 година.

РАСУДУВАЊЕ

Божјата казна ги стасува грешниците веднаш по гревот за да се исплашат, а праведниците да се охрабрат, понекогаш, пак, многу подоцна, ненадејно и неочекувано за грешниците да знаат дека Бог ништо не заборава. Датан и Авирон ги проголтала земјата веднаш по нивниот грев, а царот Валтазар ја видел раката што му ја испишала смртната пресуда тогаш кога тој се чувствувал најсреќен, на гозбата, помеѓу пријателите и обожавателите. Некој тешко болен војник бил донесен кај св. Стефан Нов со молитва овој да го исцели. Стефан му рекол да се поклони на Христовата икона и на св. Богородица. Војникот тоа го направил и веднаш оздравел. Ова чудо се раширило на сите страни. Кога за тоа слушнал иконоборниот цар Копроним, го повикал војникот и го испрашувал. Па кога војникот исповедал и кога признал дека добил исцеление од светите икони, царот почнал со лутина да го укорува заради иконопочитувањето. Исплашениот војник се одрекол од иконопочитувањето пред царот и се засрамил од својата вера во иконите. Кога тој војник излегол од дворецот и го јавнал коњот, коњот под него се разлутил, го исфрлил од себе и со нозете го газел сè додека војникот не ја испуштил својата душа. Еве ја казната веднаш по гревот. Царот Тиридат, гонител на христијаните, го фрлил св. Григорија во јама и погубил 37 монахињи. И никаква казна не го снашла. Подоцна, кога царот со своите отишол на лов заради разонода и веселба, одеднаш го опфатило лудило и него и неговите придружници. На неговата побожна сестра ѝ се открила во сон причината за лудилото на царот, како и начинот како да му се врати умот. Св. Григориј бил изваден од јамата и по неговата молитва царот Тиридат оздравел, се покајал и се крстил. Казната понекогаш брзо го следи гревот како ден ноќта, а понекогаш бавно како годината година. Но никогаш не изостанува, освен во случај каде што покајанието ќе ѝ го земе местото на казната.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чудниот Рај Божји, и тоа:

1. како Бог го украсил Рајот со секакви растенија, убави за гледање и добри за јадење;

2. како Бог го насадил во средината на Рајот дрвото на животот;

3. како Бог му забранил на Адам да не јаде единствено од дрвото на познавање на доброто и злото.

БЕСЕДА
за соединувачкиот состав на Црквата
слично на едно тело

Од Кого целото тело, составено и склопено и сврзано преку сите дарувани врски, при дејството на секој дел... (Ефес. 4:16).

Овде станува збор, браќа, за духовното тело, за светата Божја Црква. Од Него, т.е. од Христа целото тело е составено и склопено како што приличи. Премудриот апостол не наоѓа никакво подобро споредување на Црквата, отколку со човечкото тело. Што е главата за човечкото тело, тоа е Христос Господ за телото на Црквата. Од главата се разнесуваат нервите по сите делови на телото и со помош на нервите сите делови на телото забележуваат, чувствуваат и се движат, а тоа забележување, чувствување и движење е нивниот живот. Би можело да се рече дека главата преку мозокот и нервите присуствува во секој дел на телото. Ако се пресече главата, секој дел на телото во моментот умира. И Христос присуствува во секој дел на Црквата, т.е. во секој нејзин верен член. Преку Него секој верник го забележува духовното царство, ја чувствува љубовта и се движи правилно кон Бога. Од Него секој член добива сила според дејството и мерката, т.е. според службата и дарот. Таа сила Господ ја дава непосредно со допир, само со Своето лично присуство. Љубовта е чудотворна спојка што го спојува Христа со верниците, верниците со Христа и верниците помеѓу себе. Што се случува, браќа, со еден дел од телото кога ќе се искинат нервите што го поврзуваат со главата? Постанува безвреден, неосетлив, неподвижен – мртов. Тоа се случува и со секој член на Црквата кој ќе излезе од составот на Црквата и со тоа ќе ја прекине својата врска со Главата на Црквата. Бог да нè чува, браќа, од таа пропаст.

О Господи Исусе, извору на животот и на љубовта, не допуштај на ниедна мрачна сила, во нас или надвор од

нас, да нè оддели од Тебе и од Твоето тело, од Твојата света Црква која Ти си ја откупил со Твојата скапоцена крв. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

30 НОЕМВРИ

1. Св. апостол Андреј Првоповикан. Син на Јона и брат на Петар, роден од Витсаида и рибар по занимање. Прво бил ученик на св. Јован Крстител, но кога св. Јован покажал со прстот кон Господа Исуса, велејќи: *Еве Го Јагнешто Божјо!* (Јн. 1:36), тогаш св. Андреј го оставил својот прв учител и тргнал по Исуса. Потоа Андреј го привел и својот брат Петар кон Господа. По слегувањето на Светиот Дух, на овој прв апостол Христов му се паднало да го проповеда ***Евангелието*** во Византија и во Тракија, потоа во дунавските земји, па во Русија и околу Црно Море и најпосле во Епир, Грција и на Пелопонез, каде што и пострадал. Во Византија го поставил првиот епископ во лицето на св. Стахиј; во Киев поставил крст на височина и му прорекол светла христијанска иднина на руското народ; по Тракија, Епир, Грција и Пелопонез превел мноштво народ во верата и им поставил епископи и свештеници. Во градот Патрас направил многу чуда со Христовото име и многу придобил за Господа, помеѓу кои биле и братот и жената на царскиот намесник Егеат. Егеат се разлутил, па заради тоа го стави св. Андреј на маки и потоа го распнал на крст. Додека бил жив апостолот на крстот, им кажувал полезни поуки на христијаните кои се собирале околу неговиот крст. Народот сакал да го симне од крстот, но тој не дозволил. Најпосле апостолот почнал да се моли на Бога и притоа некоја необична светлина го осветлила целиот. Тоа осветлување траело половина час и кога исчезнало, апостолот ја предал својата света душа на Бога. Така го завршил својот земен век првоповиканиот апостол, кој прв од 12 големи апостоли го познал Господа и тргнал по него. Св. Андреј за својот Господ пострадал во 62 година. Неговите мошти биле пренесени во Цариград. Подоцна неговата глава била пренесена во Рим, а едната рака во Москва.

2. Св. Фрументиј просветител на Абисинија (Етиопија). Во времето на царот Константин Велики, за Индија патувал некој учен човек од Тир, по име Меропиј. Тој со

себе носел двајца млади христијани, браќата Едесиј и Фрументиј. На тој пат бродот им се разбил од бурата на брегот на Етиопија и дивите жители ги истепале сите патници, освен овие двајца браќа Едесиј и Фрументиј. Во Етиопија тие проживееле неколку години и успеале да влезат во дворската служба кај царот. Фрументиј почнал да ја проповеда христијанската вера, но внимателно и се уверил дека земјиштето за таквата проповед е подготвено и плодно. Тогаш двајцата браќа се качиле во брод и тргнале, и тоа: Едесиј во Тир кај своите родители, а Фрументиј во Александрија, кај патријархот св. Атанасиј Велики. Фрументиј му ја изложил на патријархот состојбата во Етиопија и побарал пастири за новообратените во верата. Св. Атанасиј го ракоположил Фрументија за епископ. Св. Фрументиј се вратил во Етиопија каде што со својата ревност и чудата успеал за време на својот живот да ги преобрати сите жители на Етиопија во христијанската вера. Овој голем пастир на Христовото стадо и просветител на Етиопија мирно завршил во 370 година и се преселил во царството на својот Господ.

РАСУДУВАЊЕ

„На апостолите им е дадено сè", вели св. Јован Златоуст, т.е. сите дарови, сета сила, сета полнота на благодат што воопшто од Бога се дава на верниците. Тоа го гледаме од животот на големиот апостол Андреј Првоповикан, којшто е и апостол, и благовесник, и пророк, и пастир и учител (Ефес. 4:11). Како благовесник тој ја пронесол благата евангелска вест на четирите страни на светот; како пророк го прорекол крштавањето на рускиот народ и големината на Киев како град и како христијански центар; како пастир изградил и уредил многу цркви; како учител неуморно ги поучувал луѓето сè до крстот, па и со крстот, до последниот здив. Тој уште бил и маченик, и тоа, според дарот на Светиот Дух, што не им е даден на сите. И така, кај овој апостол ја гледаме, како и кај сите други, сета полнота на благодатта на Духот Божји. А дека на благодатта треба да ѝ се припише секое големо дело, што еден Христов следбеник ќе го направи, за тоа ни сведочи св. Фрументиј. Кога се вратил тој од Александрија во Етиопија како ракоположен епископ, почнал да прави преголеми чуда и така народот во големи маси почнал да се обраќа во верата. Тогаш го прашал зачу-

дениот цар: „Толку години пред тоа со нас живееше и никогаш не те видовме да направиш никакво чудо! Од каде тоа сега кај тебе?“ Тогаш блажениот Фрументиј му одговорил на царот: „Ова не е мое дело, туку е дело на благодатта на свештенството“. Тогаш светителот му објаснил на царот, како тој заради Христа ги напуштил и родителите, и бракот, и сиот свет, и како со ракополагањето од св. Атанасиј примил благодат на свештенство, чудотворна благодат.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за духовниот пад на Адам и Ева, и тоа:

1. како змијата ги предизвикала кај Ева лакомството и гордоста;

2. како полакомената и погордеана жена ја прекршила Божјата заповед и јадела од дрвото на познавање на доброто;

3. како Ева згрешила не во сиромаштија и по потреба, туку во изобилство од сè.

БЕСЕДА
за незнаењето и за ожесточувањето на незнабожците

Како што постапуваат другите незнабожци по суетата на својот ум, помрачени во разумот, отстранети се од Божјиот живот поради нивното незнаење и ожесточување на нивното срце (Ефес. 4:17–18).

Што е суета, браќа мои? Сè гледано надвор од Бога, отсечено од Бога, употребувано без страв Божји. Што е суета на умот, браќа мои? Да се живее и животот да се толкува не според Божјиот закон, туку според своите моментални промисли и желби. Од каде, браќа, доаѓа тоа зло кај луѓето? Прво, од ожесточеноста на срцето, а потоа од незнаењето што е во нив. Што значи, браќа, ожесточеност на срцето? Значи срце испразнето од љубов Божја и страв Божји, и ис-

полнето со похота и страв од сè заради телото. Што се раѓа, браќа, од ожесточено срце? Незнаење, потполно незнаење на божествените работи, божествените патишта и закони – потполна затапеност за духовниот живот и за духовната мисла. Каква е крајната последица, браќа, на ожесточеното срце и незнаење за Божјата вистина? Помрачување на смислата и отуѓување од животот Божји. Помрачување на смислата – имено: умот човечки постанува мрачен како и телото, светлината што е во човекот постанува мрак. О колкава темнина! Помрачениот во смислата е помрачен и во умот. Помрачениот во умот, пак, не ја знае смислата на ништо или ја одрекува смислата на сè. Таквиот е оддалечен од животот Божји и се суши и гине како дел од телото, отсечен од телото. Такви се незнабожците, такви се безбожниците, а најпосле такви се и маловерните или лажните христијани. Но и сувото дрво кога ќе се полее со животворна Христова вода ќе оживее и ќе раззелени. И исушениот ненабожен свет воскреснал и оживеал со Христос Господ. Каде побрзо покајани христијански грешници.

Да се погледнеме себе си, браќа мои. Тоа го правиме секој ден. Да се прашуваме секој ден, дали и ние заради суета не постануваме помрачени и од Божјиот живот отуѓени. Наскоро ќе дојде смртта, и крајот, и судот. Исушеното дрво ќе биде фрлено во незагаслив оган.

О Господи Исусе, ум наш и живот наш, помогни ни нам да умуваме со Тебе и да живееме со Тебе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

1 ДЕКЕМВРИ

1. Св. пророк Наум. Родум од племето на Симеон, во местото Елкесем, од другата страна на Јордан. Живеел 700 години пред Христа. Двесте години после пророкот Јона ја прорекол пропаста на Нинивија. Заради проповедта на Јона, Ниневјаните се покајале и затоа Бог ги поштедил и не ги погубил. Но со време тие ја заборавиле Божјата милост и повторно се расипале. Пророкот Наум им ја прорекол пропаста. Па бидејќи не се покајале, не биле ни поштедени. Од земјотрес, поплава и од оган пропаднал целиот град, така што повеќе местото не се препознавало. Св. Наум поживеал 45 години и се упокоил во Господа, оставајќи една мала книга за своите вистински пророштва.

2. Св. Филарет Милостив. Од селото Амнија во Пафлагонија. Во почетокот Филарет бил многу имотен човек, но делејќи многу милостина на сиромасите и тој станал сиромав. Но не се исплашил од сиромаштијата, туку со надеж во Бога, кој рекол: *Блажени се милостивите оти ќе бидат помилувани*, го продолжил делото на милосрдие, не обрнувајќи внимание на негодувањето на својата жена и на децата. Орајќи еднаш на нивата, му дошол некој човек и му се пожалил дека му пцовисал волот во јаремот, та не можел со еден вол да ора. Тој го одврзал едниот свој вол и му̀ го дал на човекот. Го дал и својот последен коњ на некој што бил повикан да оди во војна. Го дал и телето од последната крава, па кога забележал дека кравата рика по одделеното теле, а телето по кравата, го викнал човекот и му ги дал и телето и кравата. И престарениот Филарет останал без храна во својот дом. Но тој се молел на Бога и на Него се надевал. И Бог не го оставил праведникот да се посрами во својата надеж. Во тоа време царувала Ирина со својот млад син Константин. Според тогашниот обичај, царицата испратила луѓе по целото царство да ја бараат најдобрата и најугледната девојка со која ќе се ожени синот на царот. Според Божја промисла, тие луѓе застанале на конак во домот на Филарет, ја виделе неговата внука Марија и ја одвеле во Цариград. Девојката му се допаднала на царот и тој се венчал со неа, а Филарет и целото негово семејство го преселил во престолнината и му дал голема чест и богатство. Филарет не се погордеал со таквата ненадејна среќа, туку, благодарен на Бога и сега продолжил да прави добри дела, уште повеќе од

порано. Така правел до самата смрт. Во 90. година ги повикал своите деца, ги благословил и ги поучил да се држат до Бога и до Божјиот закон и со предвидлив дух, како некогаш праотецот Јаков, на секого му прорекол како во овој век ќе проживее. Потоа легнал во манастирот „Родолфија“ и ја предал својата душа на Бога. Пред смртта лицето му засветило како Сонце, а по смртта од него излегол необичен благопријатен мирис и се случиле чуда од неговите мошти. Овој Божји праведник се упокоил во 797 година. Неговата сопруга Теозва, како и сите негови деца и внуци, поживеале богоугодно и завршиле во Господа.

РАСУДУВАЊЕ

Добродетелта е како жед. Кога човекот ќе започне да ја пие, сѐ повеќе жеднее и сѐ почесто бара да ја пие. Оној кој ќе започне да ја вежба добродетелта на милосрдието, не знае за мерка во тоа ниту признава каква било мерка. Св. Филарет во бедата не бил помалку милостив отколку кога бил богат. Кога неговата внука постанала царица, тој повторно станал богат човек, но не помалку милостив. Еден ден тој им рекол на жената и на децата да приготват најдобра гозба каква што можат, па рекол: „Да Го замолиме Царот и нашиот Господ со сите Негови големци да дојдат на прослава“. Сите помислиле дека старецот мисли на вечера да го покани својот зет царот, па се потрудиле колку што можеле подобро да ја подготват гозбата. Меѓутоа, Филарет поминал по улиците и ги собрал сите бедници, просјаци, слепи, хроми, изнемоштени и ги довел на прославата. Кога ги поставил околу трпезата, им наредил на жената и на синовите да служат околу неа. По завршувањето на гозбата, на секој гостин тој му дал во рацете по еден златник и ги пуштил да си одат. Тогаш сите разбрале дека тој под Цар го разбирал самиот Господ Христос, а под негови големци: просјаците и неволните. Уште зборувал дека не треба да се гледа во парите што се даваат на просјакот, туку треба да се промешаат парите, па раката сама што ќе дофати од џебот тоа да даде. А раката ќе го извади она што Божјата промисла ќе го одреди.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за гревовниот пад на Адам и на Ева, и тоа:

1. како Ева кога погрешила не се покајала, туку побрзала и својот маж да го направи соучесник во својот грев;

2. како Адам кога погрешил не се покајал, туку себе си се оправдувал окривувајќи ја жената пред Бога;

3. како и денес многу грешници бараат соучесници во својот грев и се оправдуваат себе окривувајќи ги другите.

БЕСЕДА
за создавањето на светот

Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата (I Мој. 1:1).

Ова е Божји одговор преку устата на пророкот, браќа, одговор на жедното прашање на сите нас: од каде е овој свет? Бог го слуша тоа наше прашање, изречено или неизречено, го слуша и ни дава одговор. Како што дава дожд на сувата земја, како што дава здравје на болниот; како што дава леб и облека на секое тело, така Он на нашиот дух му дава одговор на прашањето што му создава глад и жед, болка и голотија, сè додека не се најаде, не се напие, не оздрави и не се облече со вистинскиот одговор. Од каде е овој свет? Тоа е прашањето. *Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата.* Тоа е одговорот. Овој свет не е сам од себе, како што ништо во светот не е само од себе, ниту овој свет е од лошите сили, ниту овој свет е од многу создатели, добри и лоши; туку тој е од единствениот и благиот Бог. Овој одговор предизвикува радост во срцето на секој човек и побудува на добри дела. И според тоа ние знаеме, помеѓу другото, дека тоа е единствен и вистински одговор. Секој друг одговор, спротивен на овој, кај нас предизвикува тага и страв и побудува на лоши дела заради што, помеѓу другото, дека секој таков одговор е лажен. Од Бога е светот, браќа, да се радуваме и да се веселиме! Светот е од божествено потекло, па следствено на тоа ќе биде и божествен крајот! Светот е од добар корен, па следствено на тоа, ќе донесе и добар плод. Произлегол од светла одаја, па повторно со светлина ќе заврши. Кога знаеме дека почетокот е добар, тогаш зна-

ме дека и целта е кон доброто, таков ќе биде и крајот. Гледај, во овие зборови за почетокот веќе се крие пророштвото за завршетокот. Каков почеток, таков крај. Од Кого што е почетокот, од Него ќе биде и крајот. Да ја чуваме оваа спасоносна вистина, да имаме светла надеж и да се поткрепуваме со љубовта кон Оној кој од љубов нас нѐ создаде.

О Господи Боже Создателу и Седржителу, единствен Боже, единствен Создателу, добар извору на добрината, на Тебе Ти се поклонуваме и на Тебе Ти се молиме, упати нѐ кон добриот крај со Твојот Свет Дух, преку Господа Исуса Христа. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

2 ДЕКЕМВРИ

1. Св. пророк Авакум. Син Асафатов, од племето на Симеон. Пророкувал 600 години пред Христа, за време на царот Манасија. Го прорекол опустошувањето на Ерусалим. Кога царот вавилонски Навуходоносор го нападнал Ерусалим, Авакум со засолнал во исмаилќанската земја, од каде што потоа пак се вратил во Ерусалим како земјоделец. Еден ден кога им носел ручек на работниците на нивата, одеднаш му се јавил ангел Господов и му рекол: „Ова јадење што го имаш однеси му го на Даниила во Вавилон, кој е во лавовската јама“. А Авакум одговорил: „Господи, јас никогаш не сум го видел Вавилон и не ја знам таа јама“ (Дан. 14:34–35). Тогаш ангелот го фатил за косата и во моментот го пренесол во Вавилон, на огромна далечина, при јамата лавовска во која бил фрлен Даниил од царот Кир за казна, бидејќи не се поклонил на идолите. *Данииле, Данииле, земи го јадењето што ти го испраќа Бог*! – викнал Авакум. И Даниил го зел и јадел. Потоа ангелот Божји пак го зел Авакума и го пренесол во Јудеја, на неговата нива. Авакум уште прорекувал за ослободувањето на Ерусалим и за времето Христово. Се упокоил во длабока старост и бил погребан во местото Кела. Неговите мошти биле откриени во времето на Теодосиј Велики.

2. Св. мч-чка Миропија. Родена е во Ефес од христијански родители. По смртта на таткото, со мајка ѝ се преселиле на островот Хиос каде што и пострадала за Христа. Страдањето на оваа света девица се случило веднаш по страдањето и смртта на славниот маченик Исидор војникот

(14 мај). Кога мачителите го исекле Исидора, храбрата Миропија тајно го зела неговото тело, го покадила и чесно го погребала на некое посебно место. Лошиот кнез Нумериј слушнал дека телото на маченикот е украдено и сакал да ги погуби стражарите. Кога дознала дека невини луѓе ќе пострадаат заради нејзиното дело, блажена Миропија сама им се пријавила на властите и признала дека го зела телото на маченикот и го погребала. По наредба на кнезот, светата девица Христова била луто камшикувана по целото тело и на крајот, сета во рани, била фрлена во затвор. Но Господ не ја оставил Својата маченичка без утеха. На полноќ го осветлил затворот со небесна светлина и се појавиле многу ангели, со св. Исидор во средината: *Мир ти, Миропијо*, рекол св. Исидор, *твојата молитва дојде кај Бога и ти наскоро ќе бидеш со нас и ќе го примиш венецот што ти е приготвен.* Светата страдалничка се израдувала и во тој час го предала својот дух на Бога. Од нејзиното тело излегол благопријатен мирис што го исполнил целиот затвор. Еден од стражарите, кога го видел и го осетил сето тоа, поверувал во Христа и се крстил, па наскоро и самиот примил маченичка смрт. Света Миропија се преселила во вечноста во 251 година.

3. Св. Урош, цар српски. Син на царот Душан. Царувал во тешко време на распаѓањето на српското царство. Кроток, побожен и благ, тој не сакал со сила да ги потчинува горделивите големци, помеѓу кои најнепримерен бил Волкашин, кој му дошол на добриот цар до глава. Добриот Урош маченички пострадал на 2 декември 1367 година, во својата 31 година. Од луѓето убиен, тој бил од Бога прославен. Неговите чудотворни мошти почивале во манастирот „Јазк" во Фрушка Гора, од каде што за време на Втората светска војна (1942 година) се пренесени во Белград и се положени во Соборниот храм покрај телото на кнезот Лазар и деспотот Стефан Штил новиот. За време на овој добар цар изграден е манастирот „Св. Наум" на Охридското Езеро; го соѕидал големецот на Урош, Гргур.

4. Преп. Атансиј затвореник Печерски. Овој свет човек после долг подвиг умрел и од браќата бил измиен, облечен и подготвен за погребување. Два дена тој лежел така мртов и одеднаш оживеал. Кога дошле да го погребуваат, го нашле каде што седи и плаче. Потоа се затворил во келијата и поживеал уште 12 години, единствено на леб и на вода, не проговарајќи со никого ниту збор. Се упокоил во Господа во 1176 година.

5. Св. Иса ап. Цикллански. Еден од 13 отци сириски (7 мај). Голем чудотворец. Со молитвата ја навратил реката од далеку во близина на градот Циклана. Неговите мошти му почиваат во црквата со неговото име во Циклана, во Сирија.

РАСУДУВАЊЕ

Кој дошол од оној свет да ни јави? Така се прашуваат неверниците. Треба да им одговориме: *Покајте се за вашите гревови, ако сакате да дознаете; удостојте се и ќе видите*. Свети Авакум патувал со ангелот. Света Миропија видела мноштво ангели и помеѓу нив бил св. Исидор маченикот. Свети Атанасиј Печерски два дена бил мртов за овој свет, а жив само за оној. По враќањето на неговата душа во телото, се насобрале околу него и го прашувале: „Како оживел? Што видел? Што слушнал?" Тој не сакал ништо да каже бидејќи бил во ужас од она што го видел во оној свет, но само рекол: „Спасувајте се!" Кога многу настојувале да им каже што повеќе од она што го видел по смртта, тој одговорил: *Ако ви кажам, нема да ми верувате, ниту ќе ме послушате*. На понатамошно настојување, тој помеѓу останатото, рекол: *Кајте се секој час и молете се на Господа Исуса Христа и на Неговата Пречиста Мајка.* И во наши дни се случуваат клинички умирања. И виденијата и искази-те на сите оние кои умираат и во телесниот живот повторно се враќаат не противречат едни на други, туку се дополнуваат. Имено, секој умрен гледа еден дел од оној свет што е преголем, неспоредливо поголем од овој свет. Многумина пред смртта ги гледаат своите роднини кои се одамна умрени и со нив разговараат. Тоа, без малку, е обична појава. Во 1926 година во селото Вевчани пред смрт бил некој Мелетиј П. Разговарал со своите деца кои умреле пред 20 години. Кога живите роднини му рекле дека блада, тој им рекол : *Не бладам, туку разговарам со нив како и со вас и ги гледам нив како и вас.*

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за гревовниот пад на Адам и на Ева, и тоа:

1. како Адам и Ева пред гревот биле облечени во невиност и себе не се гледале голи;

2. како после гревот Адам и Ева се виделе голи и се скриле од Бога;

3. како секоја добродетел е облека и секој грев е разголување.

БЕСЕДА
за радосните откровенија
во првата реченица

Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата (I Мој. 1:1).

Како е збиен и полн секој збор Божји! Како свиткано платно што може да се носи под пазувите и што може да се распростре по тревата надолго и најдолго. Колку многу и многу драгоцено богатство ни открива овој збор Божји: Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата! Ова, пред се, ни покажува дека Бог е единствен вечен и несоздаден. И ова прво откровение ни прави прва неискажана радост. Во овој вртеж на промени и минливости, нас неискажано нè радува тоа што нашиот Создател е над промените и минливоста. Тоа понатаму ни кажува дека е единствениот и добар Бог Создателот на светот, а штом е Создател, Он е и Седржител и Промислител. И ова второ откровение ни ја прави втората неискажана радост. Светот не произлегол од безумие или од случај, без смисла и намена, туку произлегол од Семудриот Бог, Кој сè знае, Семилостивиот, Кој со него и управува, водејќи го во смислена цел. Тоа понатаму ни кажува дека овој свет имал почеток, та следствено на тоа ќе има и завршеток. И ова трето откровение ни прави неискажана радост. Бидејќи жално би било овој свет да е вечен и сите цели, блиските и крајните, да се само во него, кое навистина би предизвикало вртеж во разумот на мудреците и тага во срцата на праведниците. Тоа, најпосле, ни кажува дека Бог создал два света, небесен и земен или бестелесен и телесен. И ова четврто откровение ни ја прави четвртата неискажана радост. Како што сега го подигнуваме погледот во височината и се радуваме на Сонцето, на Месечината и на ѕвездите над нашите глави, така ние го издигнуваме својот дух кон духовниот свет, сличен на нас, но почист и посветол од нас,

кон ангелскиот свет и се радуваме бидејќи знаеме дека постои еден подобар свет од нашиот во кој ќе се вселиме и како изморени патници ќе се вратиме дома и ќе се одмориме. О колку тажно би лутал погледот на луѓето по земјата, само по земјата, кога не би имало ѕвездено небо! И колку тажно би лутал духот на луѓето по материјалниот свет кога не би имало духовен свет, небесен!

Господи Себлаг, слава Ти и благодарност. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

3 ДЕКЕМВРИ

1. Св. пророк Софониј. Родум од Горага Саварат, од племето на Симеон. Живеел и пророкувал во VII век пред Христа, за време на благочестивиот јудејски цар Јосија. Современик на пророкот Еремија. Имајќи големо смирение и чист ум во Бога воздигнат, тој се удостоил со предвидување на иднината. Го прорекол денот на гневот Божји; казната на: Газа, Аскалон, Азот, Акарон, Нинивија, Ерусалим, Египет. Тој го видел *Ерусалим како невернички, осквернеш̄ и насилнички ḡрад во којш̄о кнезовиш̄е неḡови се како лавови шш̄о рикааш̄; судиш̄е неḡови – вечерни волци; ūроциш̄е – лекомислени, неверни; свешш̄енициш̄е ја осквернувале свеш̄ињаш̄а и ḡо ḡазеле законош̄* (гл. 3). Предвидувајќи го времето кога ќе дојде Месијата, тој воодушевено извикнува: *Радувај се ќерко Сионова, ликувај, Израиле, весели се и радувај се од сè срце, ќерко ерусалимска!* (Соф. 3:14) Овој тајновидец се упокоил во местото на своето раѓање за да го чека општото воскресение и наградата од Бога.

2. Св. Јован Ќутлив (Молчалив). Родум од Никопол Ерменски, од татко Евкратиј и мајка Ефимија. Во 18. година постанал монах и се подвизувал тврдо и решително, чистејќи го своето срце со многу солзи, со пост и со молитва. По 10 години, бил поставен за епископ Колониски. Со својот пример кон богоугоден живот го привлекол својот брат Пергамиј и стрикото Теодор, познати луѓе на дворовите на царот Зинон и Јустинијан. Кога ја видел лошотијата и метежот во овој свет што тој не можел да ги излекува, го напуштил епископскиот престол и преоблечен во прост монах дошол во манастирот „Св. Сава“ кај Ерусалим, каде што многу години останал непознат, вршејќи ја совесно и одлич-

но секоја служба на која игуменот го одредувал. Заради тоа св. Сава го предложил на патријархот Илија да го ракоположи за презвитер. Кога патријархот сакал да го ракоположи Јована, Јован му се исповедал дека тој е веќе во епископски чин. Тогаш св. Јован се затворил во келијата и во молчење и во молитва поминал години и години. Потоа во пустината поминал 9 години, хранејќи се само со диво зелје, па повторно се вратил во манастирот. Ги одвраќал верниците од Оригеновата ерес и многу придонесол таа ерес да се осуди и да се победи. Јасно проѕирал во духовниот свет и ги исцелувал луѓето од болестите. Победувајќи се себе, тој лесно ги победувал демоните. Голем во смирението и во божествената мудрост, овој Христов слуга мирно се упокоил во 558 година, во 104. година од својот живот.

3. Свешт. мч. Теодор архиеп. Александриски. По долгогодишното патријархување, бил мачен и исмеван од незнабожците. Му ставиле трнов венец на главата и најпосле го исекле за верата во 606 година.

4. Преп. Теодул. Познат патрициј на дворецот на Теодосиј Велики. По смртта на својата жена, тој ја оставил суетата на светот, се повлекол од Цариград на еден столб кај Ефес, каде што се подвизувал полни 30 години.

5. Преп. Сава Сторожевски. Ученик на св. Сергиј Радонежски и голем чудотворец. По смртта се јавувал на многумина како жив, час поучувајќи, час карајќи, а час исцелувајќи секаква болест. Преминал од овој живот во подобриот во 1406 година.

РАСУДУВАЊЕ

Бог ги слуша молитвите на праведниците и ги исполнува, понекогаш веднаш и докрај, а понекогаш подоцна, во погодно време, со оглед на тоа дали е од полза на Црквата. Со други зборови, исполнувајќи ги молитвите на праведниците, Бог го има во предвид или спасението на еден човек, или доброто на целата Црква. Св. Јован Молчалив се молел на Бога да му открие како душата при смртта се разделува со телото. За време на молитвата дошол надвор од себе и имал ваква визија: пред црквата во Витлеем умрел еден добар човек и ангелите ја зеле неговата душа од телото и со слатко пеење ја вознесле на небото. Кога си дошол на себе од екстазата, Јован веднаш тргнал на пат од манастирот „Св.

Сава Освештен“ за Витлеем. И кога дошол во Витлеем, го видел пред црквата мртвото тело на човекот исто онакво како што го видел во визијата. Кога, пак, умрел големиот светител Сава Освештен, Јован тагувал многу и плачел. Му се јавил Сава во визија и му рекол: „Не тагувај, оче Јоване, зашто ако јас и се разделив од тебе со телото, сепак со духот сум со тебе“. Тогаш Јован го замолил: „Моли Го Господа, оче, и мене да ме земе со тебе“. На тоа Сава му одговорил: „Тоа не може да биде сега, бидејќи на манастирот ќе дојде големо искушение, па Бог сака да бидеш во телото за утеха и утврдување на правоверните против еретиците“. Во почетокот Јован не знаел за какви еретици му говорел светиот отец, но подоцна дознал кога Оригеновата ерес почнала да ја потресува Црквата Божја.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за гревовниот пад на Адам и на Ева, и тоа:

1. како кога се виделе голи, ја покриле својата голотија со листови од смоква;

2. како и сега сите непокајани грешници кога ќе изгубат некоја добродетел, се чувствуваат голи и ја покриваат својата голотија со некаква лага или со привидение.

БЕСЕДА
за двата света

Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата (I Мој. 1:1).

Што сака Бог, браќа, тоа и го открива на луѓето, а што не сака Он, тоа останува неоткриено. Боговидецот Мојсеј ништо не можел да рече повеќе за небото, освен само дека небото Бог го создал во почетокот, и кога го рекол тоа, тој продолжува исцрпно да го опишува создавањето на земјата. Зошто тој не зборува така исцрпно и за создавањето на небото? Затоа што Бог не сакал повеќе да му открие. А Бог не сакал повеќе да му открие затоа што луѓето од неговото време уште не биле дораснати, ниту биле способни да ги разберат возвишените небесни работи. Дури кога поминале

многу векови и кога дошол ***Новиот завет*** и Бог со луѓето, Бог им открил многу повеќе за небесниот свет на верниците и на избраните Свои угодници. Отвореното небо туку што почнале христијаните да го гледаат. Свети Јован Богослов сведочи: *Погледав, и ете, врата отворена на небото* (Откр. 4:1). И првомаченикот Стефан сведочел: *Еве, ги гледам небесата отворени* (Дела. 7:56). Апостолот Павле, *кој бил однесен до третото небо и дека чул неискажливи зборови* (II Кор. 12:2), зборува за ангелските хорови, за престолите, господствата, поглаварствата, властите и вели: *Сè е преку Него и за Него создадено* (Кол. 1:16). Неговиот ученик св. Дионисиј ја опишува небесната хиерархија толку исцрпно како што Мојсеј го опишува земниот свет при создавањето. Така сакала безмерната мудрост Божја: она што Бог не сакал да му го открие на Мојсеја, им го открил на апостолите и на нивните следбеници. Она што не се кажува на децата, се кажува на возрасните луѓе. Според духовниот раст е и откровението на тајните.

Еве прекрасна поука за сите нас. Да бидеме вредни во барањето на правдата, уште повредни во очистувањето на своето срце, трпеливи во чекањето и непоколебливи во верата дека Бог ќе ни даде сè во свое време онака и онолку, како и колку што ни е потребно за нашето спасение.

О Господи премудар и човекољубив, кој без брзање и без одлагање нè учиш и нè водиш кон спасението, на Тебе благиот слава и пофалба. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

4 ДЕКЕМВРИ

1. Св. вел. мч. Варвара. Таткото на оваа славна Христова последователка која од раните години станала невеста Христова, по име Диоскор, бил познат по положајот и богатството во градот Илиопол Египетски, а по вера бил безбожник. Својата ќерка единица, мудра по ум и убава на лице, Диоскор ја затворил во висока кула, ја опкружил со сите удобности, ѝ дал слугинка да ѝ служи, поставил идоли за поклонување и ѝ ѕоидал бања со два прозорци. Набљудувајќи ги од прозорецот на кулата земјата долу и ѕвезденото небо горе, на Варвара ѝ се отворил умот со благодатта Божја, та го познала единствениот вистински Бог Творец, и-

ако немала никој од луѓето за учител во тоа. А кога еднаш нејзиниот татко се оддалечил од градот, таа излегла од кулата и, по Божја промисла, се сретнала со некои христијанки, кои ѝ ја објасниле вистината на Христовата вера. Срцето на Варвара се разгорело со љубов кон Христа Господа. Таа наредила, та отвориле уште еден, трет прозорец на бањата, за трите прозорци да бидат симбол на Светата Троица; на еден камен во бањата нацртала со прстот крст и крстот се вдлабил во каменот како со железо врежан; од нејзината стапалка на подот на бањата протекло извор со вода, која подоцна многумина ги исцелила од болест. Кога Диоскор дознал за верата на својата ќерка, сурово ја претепал, ја избркал од кулата и потрчал по неа да ја убие. Една карпа се расцепила и ја скрила Варвара од суровиот татко. Кога повторно се појавил, татко ѝ ја фатил и ја одвел кај началникот Мартијан, на кого му ја предал ќерката на мачење. Невината Варвара ја соблекле и ја камшикувале сè додека нејзиното тело не било покриено со крв и со рани. Во затворот ѝ се јавил самиот Господ со ангелите и ја исцелил. Кога го видела тоа некоја жена, Јулијана и самата посакала маченишство. И двете биле страшно мачени и со подбив по градот водени. Им ги отсекле градите и многу крв од нив истекло. Најпосле ги извеле на губилиштето, каде што самиот татко си ја заклал ќерката, а војниците Јулијана. Во истиот ден удрил гром во куќата на Диоскор и ги убил и него и Мартијан. Св. Варвара пострадала во 306 година. Нејзините чудотворни мошти се наоѓаат во Киев. Прославена во Христовото царство, таа многупати се јавувала до денешен ден, понекогаш, сама а понекогаш во придружба на Пресвета Богородица.

2. Св. Јован Дамаскин. Во почетокот бил прв министер на калифот Абдалмелех, а потоа монах во манастирот „Св. Сава Освештен". Заради огненото застапување на иконопочитувањето во врмето на иконоборниот цар Лав Исавријанин, Јован бил накажан од овој цар кај калифот, кој му ја отсекол десната рака. Тој клекнал на молитва пред иконата на Пресвета Богородица и раката му се составила и на чуден начин зараснала. Кога го видел тоа чудо, калифот се покајал, но Јован не сакал повеќе да остане кај него како големец, туку се повлекол во манастир, каде што уште од почеток бил пример на монасите во смирението, послушноста и во сите пропишани монашки подвизи. Испеал многу посмртни песни, ги составил ***Окт̄оихот̄***, ***Ирмолог̄ијат̄а***, ***Месецословот̄***, ***Пасхалниот̄ Канон*** и напишал многу бо-

гословски дела со вдахновение и со длабина. Голем како монах, како поет, како богослов, како војник на вистината Христова, Дамаскин се вброил во големите отци на Црквата. Мирно се упокоил околу 776 година, во 104. година од својот живот.

3. Св. Генадиј архиеп. Новгородски. Познат писател, поборник за вистината и страдалник за Христовата вистина. Ги собрал растурените книги на ***Свешошо йисмо*** во едно и го составил пасхалниот клуч за 532 години однапред. Се упокоил во Господа во 1505 година. Неговите чудотворни мошти се наоѓаат во Чудотворниот манастир во Москва.

РАСУДУВАЊЕ

Послушноста со смирението се основа на духовниот живот, основа на спасението, основа на секаквото устројство на Црквата Божја. Големиот Јован Дамаскин, голем во сè што е добро, како монах оставил длабока трага во историјата на Црквата со својот прекрасен пример на послушност и на смирение. Неговиот старец, духовен отец, искушувајќи го еден ден му врачил исплетени кошници и му наредил да ги однесе дури во Дамаск и таму да ги продаде. На кошниците старецот им ставил високи цени, мислејќи дека Јован по таа цена не ќе може да ги продаде, туку ќе мора да ги врати. Значи, Јован требало прво да оди на далечен пат, второ, да оди како беден монах во градот каде што некогаш тој бил најмоќниот човек после царот, трето, да бара за кошниците цена што е смешно висока, и четврто, ако не ги продаде кошниците, бадијала изодил огромен пат натаму и назад. На тој начин старецот сакал да ги искуша послушноста, смирението и трпението на својот славен ученик. Јован му се поклонил со молчење на старецот и без никаква забелешка ги зел кошниците и тргнал на пат. Кога на заинтересираните минувачи им ја кажал цената на својата роба, тие му се насмеале и му се подбиле како на безумен. Цел ден стоел и цел ден бил изложен на потсмев и на подбив. Но Бог, кој сè гледа, не го оставил Својот трпелив слуга. Поминал некој граѓанин и се загледал во Јована. И иако Јован бил во бедно монашко расо, и во лицето бил исушен и блед од постот, тој граѓанин го познал во него некогашниот големец и прв царски министер кај кого и тој бил на служба. И Јован го познал него, но и едниот и другиот стапиле во пазарење

за кошниците како непознати. Макар и што Јован изрекол преголема цена на кошниците, граѓанинот ги купил и ги платил без збор, потсетувајќи се на доброто што некогаш Јован му го направил. Свети Јован се вратил како победник во манастирот, ликувајќи и му донесол радост на својот старец.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за гревовниот пад на Адам и на Ева, и тоа:

1. како Адам и Ева, кога погрешиле, се скриле од Бога;

2. како кога го слушнале гласот Божји побегнале и се скриле помеѓу дрвјата;

3. како грешникот кога ќе го слушне гласот Божји преку совеста се крие под бесловесната природа.

БЕСЕДА
за тоа како сѐ што е од Бога е добро

И виде Бог̄ дека е добро
(I Мој. 1:4, 10, 12, 18, 21, 25).

Од добар Создател, браќа, само добри дела можеле да произлезат. Нека ги затворат устите сите оние кои говорат дека од Бога произлегло и доброто и лошото. По секое Свое дело, самиот Бог потврдува дека тоа е добро. Шестпати Он повторува дека е добро она што го создал; па најпосле и седмиот пат, кога сѐ во целина разгледал, ја изрекол Својата оценка дека *сѐ она шт̄о г̄о создал е мног̄у добро* (I Мој. 1:31). Значи, вкупно седумпати Он повторува дека сѐ е добро што по Неговата света волја постанало. Зар не е големо чудо како можеле некои луѓе да излезат со безбожно тврдење како од Бога подеднакво дека произлегло и доброто и лошото? Бог како да знаел дека на него ќе се фрла, или подобро речено, во сите векови ќе се фрла ваква клевета, па однапред за сите времиња и за сите поколенија ја дал Својата одбрана, и тоа ја повторил седумпати. Лошото е од гревот, а кај Бога нема грев. Бог, значи, не може да прави лошо. Он се нарекува Семоќен затоа што е моќен да направи сека-

кво добро. Не се во право толкувачите на Бога кога тврдат дека Бог е семоќен затоа што може да прави и добро и лошо. Бог е извор на доброто, со ништо непоматен и од Него не може да произлезе ништо што е спротивно на доброто. Знајте, браќа, дека за двојството кај Бога, во вечниот извор на доброто, говорат тие кај кои се наоѓа двојството од доброто и од лошото. А сите оние кои го љубат доброто и одат по патот на доброто и тежнеат кон доброто, имаат јасно откровение во себе дека Бог е добро и само добро.

О Боже наш, Создателу наш, Ти си творец на секое добро и сите Твои дела се многу добри. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

5 ДЕКЕМВРИ

1. Преп. Сава Освештен. Непознатото село Муталаск во Кападокиската област станало многу познато по ова големо светило на православната Црква. Овде се родил Сава, од татко Јован и мајка Софија. Во 8. година го напуштил родителскиот дом и се замонашил во блискиот манастир, викан „Флавијанов“. По 10 години, преминал во палестинските манастири и овде најдолго се задржал во манастирот на св. Ефтимиј Велики (20 јануари) и на Теоктист. Видовитиот Ефтимиј прорекол за него дека ќе биде славен монах и наставник на монасите, и дека ќе основа лавра, поголема од сите лаври од тоа време. По смртта на св. Ефтимиј, Сава се оддалечил во пустината, каде што во една пештера, која ангел Божји му ја покажал, поминал како отшелник 5 години. Потоа кога постанал совршен монах, почнале, според Божјата промисла, да се собираат околу него многу љубители на духовниот живот. Набрзо се собрале во толкав број што Сава морал да ѕида и црква и многу келии. Му дошле и некои Ерменци на кои тој им одредил некоја пештера во која ќе служат на ерменски јазик. Кога умрел татко му, кај него дошла неговата стара мајка Софија, која тој ја замонашил и ѝ дал една келија подалеку од манастирот, каде што таа се подвизувала до крајот на својот живот. Многу беди претрпел овој свет отец од ближните луѓе, од еретиците и од демоните. Но тој сите ги победувал, и тоа: ближните луѓе со благост и со попустливост, еретиците со непоколеблива православна вероисповед, а демоните со крстниот знак и

призивањето на Бога на помош. Посебно голема борба имал со демоните на горатa Кастела, каде што го основал својот втор манастир. Основал сè на сè седум манастири. Тој и Теодосиј Велики, негов сосед, се сметани за најголеми светила и столбови на православието на Исток. Тие исправувале цареви и патријарси во верата, а на сите и на секого служеле со пример на светителска смиреност и чудна сила Божја. По тешкиот и многуплоден живот, св. Сава се упокоил во 532 година, во 94. година од својот живот. Помеѓу многуте други чудотворни и добри дела, нека биде споменато само тоа дека тој прв го уредил чинот на богослужението по манастирите, познат под името „Чин на ерусалимската црква“.

2. Преп. мч-ци Карејски. Пострадале од папистите за време на унијата која ја направил со папата царот Михаил Палеолог (1260–1281 г.) Управителите на Св. Гора биле обесени, а останатите монаси биле со меч исечени (поисцрпно види, под 10 октомври).

3. Преп. Нектариј Битолски. Родум од Битола. Прво се подвизувал во манастирот „Св. Врачи“ кај Битола заедно со својот замонашен татко Пахомиј. Потоа преминал на Кареја, каде што го продолжил подвигот под раководство на старците Филотеј и Дионисиј, во келијата на св. Архангел. По победената човечка завист, демонските беди и тешката болест, се преселил во царството Христово на 5 декември 1500 година. Неговите чудотворни мошти, цели, неизгниени и со благопријатен мирис, почиваат во таа иста келија.

4. Преп. Карион и Захариј. Татко и син, и двајцата големи египетски подвижници. Карион ја оставил својата жена со две деца и отишол во монаси. Младиот Захариј како дете бил земен во манастир и со својот подвиг го надминал татко си, и многу други познати подвижници. Кога го прашале Захарија: „Кој е вистински монах?“, тој одговорил: „Оној кој себеси постојано се принудува кон извршување на Божјите заповеди“.

РАСУДУВАЊЕ

Човек може да биде голем како судија, државник или војсководец, но никој помеѓу луѓето не е поголем од човекот голем во верата, надежта и љубовта. Колку бил голем во верата и надежта во Бога, св. Сава Освештен најдобро пока-

жува следниот случај. Еднаш манастирскиот економ на Сава му кажал дека наредната сабота и недела не ќе може да удира во клепалото и по обичај да ги свикува браќата на заедничка служба и трпеза затоа што во манастирот нема ни трошка брашно ниту било што за јадење и за пиење. Дури не може да има ни служба Божја од таа иста причина. Светителот без размислување му одговорил: *Јас нема да ја изоставам службата Божја заради недостаток на брашно, верен е Оној кој ни заповедал да не се грижиме за телесното и е моќен да не исхрани во време на глад.* И ја положил сета надеж во Бога. Во краен случај, тој бил подготвен да испрати некои од црковните садови или ризи во градот и да ги продаде, само никако да не се изостави Божјата служба и вообичаената братска трпеза. Но пред да стаса саботата, некои луѓе, поттикнати од Божјата промисла, дотерале во манастирот 30 маски натоварени со пченица, со вино и со елеј. *Што велиш сега, брате*, му рекол Сава на економот, *дали да не удираме во клепалото и да не ги свикуваме отците?* Економот се засрамил заради своето маловерие и го замолил игуменот за прошка. Животописецот на Сава го нарекува овој светител „суров кон демоните, а благ кон луѓето". Еднаш се побуниле некои монаси против Сава и заради тоа, по наредба на патријархот Илија, биле истерани од манастирот. Тие си направиле колиби во текутскиот поток каде што трпеле немаштија во сè. Кога слушнал за нив дека гладуваат, св. Сава натоварил едно магаре со брашно и им го однел лично тој. Кога видел дека немаат црква, тој им изградил и црква. Монасите прво го примиле со омраза, но потоа, на неговата љубов одговориле со љубов и се покајале за своето поранешно недело кон него.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за гревовниот пад на Адам и на Ева, и тоа:

1. како преблагиот Бог му викнал на грешниот Адам: *Каде си?*;

2. како Бог и во Рајот се покажува како добар Пастир кој вика по својата изгубена овца;

3. како Бог и сега му довикува на секој грешник: *Каде си?* (со тоа сакајќи и да го укори и да го опомене).

БЕСЕДА
за отсуството на лошото
во делата Божји

И виде Бог̄ дека е добро (I Мој. 1).

Првото откровение, браќа, во овој свет, што ни го сопштува ***Свет̄от̄о п̄исмо***, е тоа дека светот произлегол од добро, а не од лошо, од Бога, а не од некаква сила спротивна на Бога, и не од некаква вообразена праизворна смеса од добро и од лошо. Второто откровение, браќа, во овој свет е тоа, дека е сè добро што го создал добриот Бог. Добра е светлината, добар е небесниот свод, добро е копното, добро е морето, добра е тревата, билките и родните дрвја, добри се небесните светила: Сонцето, Месечината и ѕвездите, добри се водните животни и птиците небесни, добри се сите живи души според нивните видови, добра е стоката и ситните животни и земните ѕверови; најпосле, добар е и човекот, господарот над сите созданија под Божјо раководство. *И виде Бог̄ дека е добро*. Проценувачот на вредноста на сето тоа не е и не може да биде некој кој површно и делумно гледа на овој свет, туку само Оној кој ги видел сите созданија заедно и секое посебно, кој го знае нивниот број, името, својствата и суштината, неспоредливо подобро од сите луѓе на земјата. *Он видел дека е сè мног̄у добро*. Па сепак имало луѓе кои го клеветеле делото Божјо, говорејќи дека овој свет во својата суштина е зло, дека и поединечните созданија се зло, дека е зло материјата од која се создадени земните битија. Злото е, меѓутоа, во гревот, а гревот е од лошиот дух. Значи, тоа е во духот на злото, а не во материјата. Отпаднатиот дух од Бога, сејачот на злото во светот. Оттука има какол по Божјата пченица. Духот на злото се труди како свое оружје да го употреби и човечкиот дух и материјалните предмети воопшто. Тој е оној кој ја нафрла помислата во човечкиот разум како целиот создаден свет да е зло, и како материјата од која се направени созданијата да е основно зло. Тој ги клевети делата Божји за да ги скрие своите; го оптужува Бога за да не биде оптужен. О браќа мои, да се чуваме од измамата на лошиот дух. Посебно да се чуваме од лоши помисли што тој ги сее во нашиот ум.

О Господи Исусе Христе, вистински Просветителу и Спасителу наш, во Твои раце го предаваме нашиот ум и на-

шите срца. Осветли нè нас Ти со Твојата вистинска светлина. На тебе слава и вечна пофалба. Амин.

6 ДЕКЕМВРИ

1. Св. Николај Чудотворец архиеп. Мирликиски. Овој славен светител, славен и денес по целиот свет, бил син единец на познати и богати родители, Теофан и Нона, жители на градот Патара, во Ликија. Иако единец син, кој им бил подарен од Бога, тие пак го посветиле на Бога и со тоа го дале на Бога како дар. На духовен живот св. Николај се научил кај својот стрико, Николај, епископ Патарски, и се замонашил во манастирот „Нов Сион", основан од неговиот стрико. По смртта на родителите, Николај го раздал наследениот имот на сиромашните, не задржувајќи ништо за себе. Како свештеник во Патара, се прочул со своето милосрдие, иако тој грижливо ги криел своите милосрдни дела, исполнувајќи го зборот Господов: *Да не знае швојаша лева рака шшо йрави деснаша* (Мт. 6:3). Кога се предал на самотија и на безмолвие, мислејќи така до смртта да проживее, му дошол глас одозгора: *Николај, йојди на йодвиг во народош, ако сакаш од Мене да бидеш овенчан.* Веднаш потоа со чудна Божја промисла бил избран за архиепископ на градот Мир во Ликија. Милостив, мудар, бестрашен, св. Николај бил вистински добар пастир на своето стадо. Во времето на гонењето на христијаните под Диоклецијан и Максимијан, бил фрлен во затвор, но и таму ги поучувал луѓето на законот Божји. Присуствувал на Првиот вселенски собор во Никеја и од голема ревност кон вистината со рака го удрил еретикот Ариј. Заради тоа дело бил отстранет од соборот и од архијерејската служба сè додека на неколкумина први архијереи на Соборот не им се јавиле Господ Исус Христос и Пресвета Богородица, и не им го објавиле Своето благоволение кон Николај. Како заштитник на Божјата вистина, овој прекрасен светител бил секогаш и смел заштитник на правдата помеѓу луѓето. Двапати спасил по тројца луѓе од незаслужена смртна казна. Милостив, вистинит, правдољубив, тој одел помеѓу луѓето како ангел Божји. Уште за неговиот живот луѓето го сметале за светител и го повикувале на помош во маките и во бедите; и тој се јавувал, во сон и најаве на оние кои го повикувале, подеднакво лес-

но и брзо во близина и надалеку и им помагал. Од неговото лице сјаела светлина како од лицето на Мојсеј и тој со самата своја појава донесувал утеха, тишина и добра волја помеѓу луѓето. Во староста малку боледувал и се упокоил во Господа, трудољубив и многуплоден, вечно да се весели во небесното царство, продолжувајќи со чудата на земјата да им помага на верниците и да го прославува својот Бог. Се упокоил на 6 декември 343 година.

2. Св. Николај еп. Патарски. Стрико на големиот светител Николај, кој и го упатил овој на духовниот живот и го ракоположил за свештеник.

3. Св. мч. Никола Караман. За верата Христова бил многу мачен од Турците и бил обесен во Смирна, во 1657 годѝна.

4. Св. Теофил еп. Антиохиски. Како добро изучен во елинската филозофија, тој, по прочитувањето на ***Свет҃ото п҃исмо***, се крстил и станал голем заштитник на христијанската вера. Неговото дело ***За верат҃а*** е сочувано до денес. Управувал со Антиохиската црква 13 години и се упокоил во 181 година.

РАСУДУВАЊЕ

На иконите на св. Николај обично се сликаат од едната страна Господ Спасителот со ***Еванг҃елие*** во рацете, а од другата страна Пресвета Дева Богородица со архијерејски омофор на рацете. Ова има свое двојно историско значење, и тоа, во првиот случај, тоа го означува призивот на св. Николај кон архијерејската служба, а во вториот, неговото оправдување од казната заради кавгата со Ариј. Св. Методиј, патријарх Цариградски, пишува: „Една ноќ св. Николај Го видел нашиот Спасител во слава каде што стои близу до него и му го подава ***Еванг҃елиет҃о***, украсено со злато и со бисери, а од другата страна ја видел Богородица, која на рамената му го ставала архијерејскиот омофор. Малку по тоа видение, Јован, архиепископот Мирски, се упокоил и Николај бил поставен за архиепископ на тој град“. Тоа е првиот случај. Вториот случај се бил во времето на I собор во Никеја. Не можејќи со причини да ја сопре безумноста на Ариј во хулењето на Синот Божји и на Неговата Пречиста Мајка, св. Николај со рака го удрил Арија по лицето. Св. отци на соборот, негодувајќи заради ваквата постапка, го

одлачиле Николаја од соборот и му ги одзеле сите архијерејски одличија. Во таа иста ноќ, неколкумина свети отци виделе иста визија: како околу св. Николај стојат од едната страна Господ Спасителот со ***Еванѓелие***, а од другата страна Пресвета Богородица со омофор, подавајќи му ги на светителот одземените одличија на архијерејството. Кога го виделе ова, отците се вчудовиделе и брзо му го вратиле на Николаја она што му го одзеле и почнале да го почитуваат како голем Божји угодник и неговата постапка кон Арија да ја толкуваат, не како дело на беспричински гнев, туку како израз на големата ревност за вистината Божја.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за гревовниот пад на Адам и на Ева, и тоа:

1. како Бог ја проколнал змијата;
2. како ѝ наложил на Ева маки при раѓањето, а на Адам труд во работата;
3. како ја проколнал земјата во делата човечки;
4. како не ја проколнал земјата како земја, туку *во делата твои*[25]), т.е. човекови.

БЕСЕДА
за отсуството на гревот во делата Божји

И виде Бог дека е добро (I Мој. 1)

Сѐ е чисто и безгрешно, браќа, што е создадено и како е создадено од пречистиот и безгрешниот Бог. Секое Божјо создание е чисто и безгрешно додека е свртено кон Бога, додека не е одделено од Бога и додека не постанало туѓо на Бога. Секое создание само по себе го фали и го прославува Бога додека е чисто и безгрешно. Затоа псалмопевецот говори: *Сѐ што дише, нека Го фали Господа, Алилуја* (Пс. 150:6). Секое умно Божјо создание, како природна и главна намена, чувствува да Го фали Господа. Па кога е така, браќа, луѓето се прашуваат: па кога е така, од каде зло во

[25]) Според вистинскиот грчки и словенски текст.

светот? Од гревот, само од гревот. Гревот, светлиот ангел го претворил во ѓавол. Ѓаволот самиот себеси доброволно се направил сад на гревот, па тогаш побрзал и другите Божји созданија да ги направи такви садови. По слободно определување, покрај ѓаволот, на гревот пристанале и некои други ангели, а потоа и првите луѓе, Ева и Адам. Оттука произлегло мешањето на доброто и злото во светот. Но она што е од Бога во созданијата и денес е добро како и во првите денови на создавањето. Отровот дошол од гревот, бидејќи гревот и е отров, најлут отров што постои. Гревот го предизвикал проклетството, донесол помрачување на умовите, предизвикал непријателство кај созданијата кон нивниот Создател, го оддалечил човекот од Бога и човекот од човекот, и човекот од природата и природата од човекот. О браќа мои, Од Бога сѐ е добро, а од гревот сѐ е лошо. Не постои никакво зло поврзано со Бога и не постои никакво зло неповрзано со гревот. Многу филозофи ја испитувале суштината на злото и според грубоста на својот ум тврделе дека злото е во материјата, дека материјата е зло. Меѓутоа, само ние христијаните знаеме дека суштината на злото е гревот и дека други суштини злото нема освен гревот. Оттука е јасно дека, ако сакаме да се сочуваме од злото мораме да се чуваме од гревот.

О Боже безгрешен, помогни ни да се сочуваме од гревот и од гревовното гниење. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

7 ДЕКЕВМРИ

1. Св. Амвросиј Медиолански (Милански). Овој голем свет отец на православната Црква бил од познат род; татко му бил царски намесник на Галија и на Шпанија, но по вера незнабожец, а мајка му била христијанка. Додека сѐ уште бил во лулка, еднаш се спуштил рој од пчели на него, излиле мед на неговата уста и одлетале. И уште како дете ја подавал раката и пророчки говорел: „Целивајте, бидејќи и јас ќе бидам епископ“. По смртта на својот татко, царот го поставил за свој намесник на Лигурискатa област, во која Медиолан бил главен град. Кога умрел епископот на тој град, настанала голема расправија помеѓу православните и еретиците ариевци околу изборот на нов епископ. Амвросиј

по должност влегол во црквата да го одржува редот. Тогаш некое дете кое било на градите од својата мајка извикнало: „Амвросиј – епископ". Ова целиот народ го примил како глас Божји и спротивно на волјата на Амвросиј, едногласно го избрале за епископ. Амвросиј се крстил и за една недела ги поминал сите претходни чинови и бил ракоположен за епископ. Како епископ, Амвросиј ја утврдил верата православна, ги потиснал еретиците, ги украсил црквите, ја раширил верата помеѓу незнабожците, напишал многу поучни книги и послужил со пример на вистински христијанин и христијански пастир. Тој ја составил и познатата благодарствена песна: „Тебе, Боже, Те фалам". Овој славен јерарх, заради чија мудрост и слаткоречивост го посетувале луѓе од далечни земји, бил многу воздржан, трудољубив и ревносен. Спиел малку, работел и се молел на Бога непрестајно, постел во сите денови, освен во сабота и во недела. Затоа Бог му дал да види многу чуда Божји и самиот да ги прави. Ги открил моштите на св. маченици Протасиј, Гервасиј, Назариј и Келсиј (види, 14 октомври). Кроток кон малите луѓе, тој бил бестрашен кон големците. Ја изобличил царицата Јустина како еретик, тиранинот и убиец Максим го проколнал, на царот Теодосиј му забранил пристап во храмот сè додека не се покајал за својот грев, со насилниот и самоименуван цар Евгениј не сакал да се сретне. На овој богоугоден човек Бог му дарувал толку многу благодат што и мртви воскреснувал, демони од луѓето изгонувал, болни од секакви болести исцелувал и ја предвидувал иднината. Мирно завршил на осамнувањето на Велигден, во 397 година.

2. Преп. Григориј Молчалив. По потекло Србин. Основач на светогорскиот манастир „Св. Николај", познат заради него по името „Грегоријат". На еден четврт час оддалеченост од манастирот се наоѓала неговата келија, каде што во молчење поминувал и се молел. Во 1761 година имало голем пожар во манастирот. Тогаш некои монаси ги зеле неговите мошти и ги пренесле во Србија. Овој Божји човек се упокоил мирно во 1406 година.

3. Преп. Нил Столбенски. Земјоделец, роден од Новгород. Оддалечувајќи се во пустината, тој се хранел со билки и со вршки. По глас одозгора, се преселил на островот Столобно. Еднаш разбојници влегле во неговата келија заради кражба и одеднаш ослепеле. Си ископал гроб во близина на келијата и секој ден плачел над него. Се упокоил и

се преселил во царството Христово во 1554 година. Чудотворните мошти му почиваат таму каде што и постел.

РАСУДУВАЊЕ

Стократно Бог го враќа заемот што Му се дава Нему преку сиромашните. Имало еднаш една жена христијанка во брак со маж незнабожец. Живееле во љубов и во сиромаштија. Кога со мака заштедиле 50 сребреници, мажот ѝ рекол на жената дека тие пари треба да ги дадат на некого со интерес, бидејќи инаку, сребреник по сребреник, ќе го изедат заштеденото и пак ќе останат без ништо. Жената му одговорила: „Ако сакаш да дадеш на заем, дај Му на христијанскиот Бог“. „А каде е христијанскиот Бог?“ – прашал мажот. Жената го одвела пред црквата и му рекла да ги раздели сите пари на просјаците пред црквата, говорејќи му на мажот: „Христијанскиот Бог ќе го прими тоа од нив, бидејќи сите тие се негови“. Ги разделиле сите 50 сребреници на сиромашните и се вратиле дома. По извесно време, тие останале без леб во куќата. Тогаш жената му рекла на мажот да појде во црквата и ќе добие пари од Бога, на Кого и му дал. Отишол мажот и видел кај црквата само просјаци, па во недоумица кој нему ќе му даде пари, шетал околу црквата. Одеднаш погледнал пред себе и видел една сребрена паричка. Тој ја зел, за неа купил една риба и ја однесол во домот. Мажот ѝ се пожалил на жената дека никого не видел и дека никој ништо не му дал, туку дека случајно нашол само еден сребреник. Жената му одговорила: „Бог е невидлив и на невидлив начин сè устројува“. Кога жената ја расекла рибата, во неа нашла светол камен. Таа му го дала на мажот, мажот го однесол на трговецот да види дали за тој камен може нешто да се добие. Трговецот му понудил 5 сребреници, а мажот се насмеал, мислејќи дека трговецот се шегува кога нуди толку голема сума. Трговецот, пак, помислил дека човекот му се смее заради малата цена што му ја понудил, па му понудил 10, па 15, па 30 и 50 сребреници. Човекот познал дека каменот е скапоцен, па почнал да се пазари, а трговецот, подигнувајќи ја цената, достигнал до 300 сребреници. Тогаш човекот ги зел тие 300 сребреници и радосен тргнал за дома. „Гледаш ли колку е добар христијанскиот Бог“, му ре-

кла неговата жена. Зачуден мажот веднаш се крстил, па заедно со својата жена го прославувале Бога.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за гревовниот пад на Адам и на Ева, и тоа:

1. како Бог ги изгонил Адам и Ева од Рајот;
2. како поставил херувим со пламен меч на вратата од Рајот;
3. како Рајот останал затворен за луѓето до доаѓањето на Христа Господа на земјата.

БЕСЕДА
за тоа како било многу добро сѐ она што го создал Бог

И виде Бог дека е многу добро сѐ она што го беше создал (I Мој. 1:31).

Браќа, кога деловите на една градба се добри, тогаш и градбата во целина е многу добра. Добра е секоја вградена тула, секој камен, секој малтер, и вар, гредите и столбовите, па човекот го доведува до восхит погледот на целата градба. Честопати по некоја поединост во градбата му се причинува неразбирлива и незгодна, но тој тоа го предава на заборав во моментот кога ќе го фрли погледот на целината. И навистина, во овој свет има многу поединости, како во созданијата така и во случувањата што ни се и неразбирливи и неугодни. Дури кога ќе ни се открие една повисока целина, ние дознаваме и се смируваме. Многу страдања и лишувања во нашиот живот ние ги сметаме за грозни и несмислени тогаш кога ќе ни се случат. Но кога ќе минат денови и години, во нашето сеќавање тие страдања и лишувања светат како драгоцени камења што го осветлуваат подоцнежниот пат на нашиот живот. Затоа, ако нешто во Божјата природа те навредува, гледај на целината; ако нешто во животот те огорчува, чекај трпеливо нови денови и години со вера и со надеж. И ако овој цел живот ти се причини мачен и тажен, воздигни ги своите духовни очи во оној свет и ќе бидеш мирен и ра-

досен. Бидејќи и целиот овој видлив свет, сепак, не е совршена целина, туку постои и оној другиот свет. Заштo е речено: *Ги создаде Бог небото и земјата.* И сликарот го упатува набљудувачот оддалеку да ја гледа сликата за да ја види во целата нејзина убавина.

О Господи, о Уметнику бесмртен, како сè е многу добро што Си го создал Ти! На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

8 ДЕКЕМВРИ

1. Преп. Патапиј. Роден и воспитан во верата и во страв Божји, во градот Тива Египетска, од благоверни родители. Рано ја увидел и ја презрел суетата на овој свет и се оддалечил во египетската пустина, каде што се предал на подвиг за очистување на своето срце од сите светски желби и помисли заради Божјата љубов. Но кога неговата добродетел се прочула помеѓу луѓето, тие почнале да му доаѓаат и од него да бараат смирување на нивните маки. Плашејќи се од човечка слава што го помрачува човечкиот ум и го оддалечува од Бога, Патапиј од таа пустина побегнал во Цариград, бидејќи овој чуден светител мислел дека можеби полесно ќе се скрие од луѓето помеѓу луѓе во градот отколку во пустината. Близу до црквата „Влахерна" во Цариград си направил колиба и овде, затворен и непознат, го продолжил својот прекинат испоснички подвиг. Но светлината не може да се скрие. Некое момче, слепо од раѓање, водено со Божјата промисла, дошло кај св. Патапиј и го замолило за молитва кон Бога за да прогледа и да ги види Божјите созданија, та уште повеќе да Го прослави Бога. Се смилувал св. Патапиј над страдалникот, се помолил на Бога и момчето прогледало. Тоа чудо го открило богоугодникот на целата престолнина и луѓето тргнале кон него за лек, утеха или за поука. Патапиј исцелил некој познат човек од водена болест откако го прекрстил со крст и го помажал со елеј. Едно момче го ослободил од нечистиот дух што луто го мачел, правејќи крст со раката во воздухот. И лошиот дух излегол од Божјото создание како чад со големо викање. Некоја жена, која имала рана на градите исполнета со црви, ја прекрстил и ја оздравел. И многу други чуда пројавил св. Патапиј сè со молитва, со името Христово и со крстниот знак. Во длабока

старост се упокоил и преминал во небесното царство, во VII век.

2. Св. апостоли: Состен, Аполос, Тихик, Епафродит, Онисифор, Кифа и Кесар. Сите тие се празнуваат на 4 јануари со другите мали апостоли. Посебно се празнува св. Аполос на 10 септември, Онисифор на 7 септември, Кифа и Кесар на 30 март. Св. Состен бил епископ во Кесарија. Тихик бил негов наследник во истото место, Епафродит во Адријанија Памфилиска, Кифа во Иконија, а Кесар во Корона Пелопонеска. Сите со огнена љубов го проповедале ***Евангелието*** Христово, за Неговото свето име претрпеле големи маки и во царството на вечната радост преминале.

3. Св. маченици во Африка. Пострадале од еретиците ариевци во времето на владеењето на вандалскиот Гунерик или Гензерик (477–484) за вистината на православната вера. Двајца свештеници испечени, шеесет јазици отсечени, триста мирјани исечени. Сите пострадале, но со својата смрт ја победиле лагата. Го утврдиле православието и нам чисто и светло ни го оставиле. Господ ги овенчал со венец на славата во Своето бесмртно царство.

РАСУДУВАЊЕ

Кој ќе се предаде на Бога потполно, него Бог го раководи кон неговото спасение во полза на многу други. Св. Николај, предаден на Божјата волја, побегнал од суетната човечка слава од својот град Патара и дошол во градот Мир Ликиски каде што никој не го познавал. Без никакви средства, бидејќи иако бил богат од дома, сè оставил, без познанство и без план, одел како непознат по градот, очекувајќи Бог да ги упати неговите стапки. Во тоа време умрел Јован, архиепископот на тој град и соборот за избор на нов архиепископ не можел да се сложи за ниеден кандидат. Најпосле, членовите на соборот решиле да постат и да се молат на Бога, Бог да им укаже на некој којшто е најдостоен за тоа звање. И Бог ја послушал молитвата на Своите слуги и им го открил најдостојниот. Кога епископот кој претседавал стоел на молитва, му се јавил некој човек во светлина и му рекол да појде рано пред црквата и да го почека оној кој прв ќе дојде на утрена молитва, *него да го постави за архиепископ, а името му е Николај.* Кога го видел ова и кога го слушнал тоа, епископот им соопштил на своите соборјани и

утредента рано отишол пред црквата и чекал. Тогаш дошол св. Николај, кој имал обичај рано да станува на молитва. Кога го видел епископот, го прашал: „Како се викаш, чедо?“ Николај молчел. Епископот повторно го прашал, а тој одговорил: „Николај се викам, владико, слуга на твојата светост“. Тогаш епископот го зел за рака и го одвел во соборот и рекол: *Примеūе īо, браќа, својоū ūасūир, коīо ви īо ūомажа Свеūиоū Дух и коīо īо избра не човечкиоū собор, ūуку Божјаūа ūромисла.*

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за првото братство на луѓето на земјата, и тоа:

1. како први браќа на земјата биле Каин и Авел;
2. како Авел бил милозлив и плашлив од Бога, а Каин бил завидлив и самоволен;
3. како завидливиот Каин го убил милозливиот Авел.

БЕСЕДА
за проклетството на грешните дела

Земјаūа нека биде ūроклеūа ūоради ūебе (I Мој. 3:17).

По гревот на Ева и на Адам Бог изрекол казна. Не ја изрекол казната веднаш, туку по извесно време, очекувајќи го нивното покајание. Тоа го покажува разговорот во кој Бог стапил со Адама по гревот. *Каде си?* – го прашал Бог Адама. И кога Адам рекол дека се скрил заради својата голотија, Бог го прашал: *Кој ūи кажал дека си īол?* Тогаш Адам, наместо покајание почнал да ја оптужува својата жена. Потоа Бог ја изрекол казната. На змијата, што му послужила како оружје на ѓаволот, паднало неограничено проклетство. Жената е осудена со маки да ги раѓа децата и нејзината волја да биде под власта на мажот. Тоа не е проклетство, туку казна со надеж. Човекот е осуден да се труди околу земјата. Но што значат зборовите: *Земјаūа нека биде ūроклеūа ūоради ūебе*? Дали Бог ја проколнал и земјата како змијата со неограничено проклетство? Никако. Земјата е проколната само во грешните дела на човекот. Заради чо-

вечкиот грев земјата раѓа трње, заради гревот е неплодна, заради гревот е сушата, поплавата, земјотресите, штетните бубачки, скакулците, гасениците и болестите. А дека земјата не е проклета како земја во својата целина јасно е од тоа што таа дава и добри плодови, што Бог од секогаш, според молитвите на праведниците, ги благословувал земните плодови потребни за животот на човекот, и што дури и ангелите Божји, како гости на Аврама, пробале од земните плодови (I Мој. 18:1–8). Што е земјата крива и што се криви сите останати созданија Божји на земјата, со исклучок на змијата, за гревот на Адама? Сепак, *сиш̄е созданија заедно со нас воздивнуваат̄ и т̄ажат̄ досеѓа* (Рим. 8:22). Не воздивнуваат и не тагуваат заради проклетството на себе, туку заради грешните човечки дела што се проколнати. О браќа мои, да се засрамиме од својот грев заради што страдаат и невините Божји созданија.

О Боже благ, опрости ни ги минатите гревови и сочувај нѐ од идните. О Боже милостив, смилувај се на секое твое невино создание што страда заради нас и ублажи му ги неговите страдања. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

9 ДЕКЕМВРИ

1. Зачатие на св. Ана. Праведните Јоаким и Ана биле бездетни полни 50 години од својот брачен живот. Во староста им се јавил архангел Гаврил, на секого од нив посебно, и им рекол дека нивните молитви се услишени од Бога и дека ќе родат ќерка Марија. Тогаш св. Ана зачнала од својот маж и по 9 месеци родила ќерка, благословена од Бога и од сите човечки колена, Пресвета Дева Марија Богородица (види, поопширно на 9 септември).

2. Св. Ана, мајката на пророк Самоил. Жена на Елкан од Арматем или Ариматеја (I Сам. 1). Не раѓала деца бидејќи била неплодна, заради што горко тагувала и плачела. Но милостивиот Бог се смилувал на неа и ја разрешил од неплодноста заради нејзините непрестајни воздишки и молитви. И Ана родила син, Самоил и го посветила на Бога уште од самото детство. Тоа бил Самоил, големиот водач на израилскиот народ и пророкот кој помажал два цара, Саул и Давид. А света Ана испеала песна на благодарност на Бога,

песна чудна според мудроста и убавината, што и ден–денес се употребува на богослужбите во црквата (I Сам. 2:1).

3. Преп. Стефан Новосветија. Овој Божји угодник се родил и се воспитал во Цариград, во домот на своите родители Захариј и Теофанија. Татко му бил свештеник на Великата Црква, во времето на патријархот Методиј. Носејќи го зачнат во утробата своја, неговата мајка се хранела само со леб и со вода. Кога младенчето се родило, на неговите гради сјаел крст од светлина. Заради тоа, а и заради својот чист и богоугоден живот, бил наречен „Новосветија". Во својата 18. година Стефан се затворил при црквата „Св. ап. Петар" и овде се предал на подвиг, на пост и на молитва. Еднаш му се јавил св. Петар и му рекол: „Мир, ти, чедо, добро си започнал, Господ нека те поткрепува!" Потоа поживеал многу години при црквата „Св. мч. Антипа". И овој светител му се јавил и го укрепил со зборовите: „Знај дека нема да те оставам". Стефан си наложувал на себе сѐ поголем и поголем труд. Храна употребувал двапати неделно, и тоа само непосолено зелје. Цели 55 години се подвизувал овој свет човек заради Христовото царство и се упокоил во Господа во 829 година во 73. година од својот земен живот.

4. Св. Софрониј архиеп. Кипарски. Роден и воспитан на Кипар. Заради големата духовна ученост и многуте добродетели, посебно милосрдието, бил поставен за архиепископ после св. Дамјан. Откако ѝ послужил верно на Црквата и откако му угодил на Бога, мирно завршил во VI век.

РАСУДУВАЊЕ

Стравот од Бога го изгонува од срцето секој страв од луѓето. Кај сите големи јерарси на православната Црква, ние ја гледаме чудно здружената кроткост и бестрашност. Св. Николај го дофатил мечот на џелатот и му го истргнал за тој да не исече невини луѓе. Св. Златоуст ги изобличувал неделата на царицата Евдокија без обзир на сите непријатности и опасности по животот на кои заради тоа се изложувал. И слично на тоа, многу и многу други. Царот Валентијан Постариот откако гиислушал строгите изобличувања од Амвросиј, му рекол: „Ја знаев твојата бестрашност, затоа и помогнав да бидеш избран за епископ: исправај ги нашите погрешки како што учи божествениот закон и лекувај ги на-

шите неправдини". Кога Валентијан Помладиот, по упатство на својата мајка Јустина, аријанка, наредил соборната црква во Милано да им се отстапи на еретиците, Амвросиј се затворил во црквата со верниот народ и три дена не сакал од неа да излезе, а на царот и на царицата им порачал, ако ја сакаат неговата смрт, тој е подготвен во секој час, овде, во црквата или со меч или со копје да биде прободен. Кога го слушнале тоа царот и царицата, ја повлекле својата наредба. Кога се случило некој бунт во Солун и кога по наредба на царот Теодосиј биле убиени 7 000 луѓе, се налутил Амвросиј на царот толку многу, што кога овој го посетил Милано и сакал да влезе во црквата, светителот му забранил. Царот му рекол на Амвросиј: „И Давид погрешил и не бил лишен од Божјото милосрдие". Тогаш епископот проговорил: „Ако го поддржуваше Давида во гревот, поддржувај го и во покајанието". Царот се засрамил, се вратил и горко се покајал за направениот грев.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за правдата на праведниот Ное (I Мој. 6), и тоа:

1. како сите луѓе биле лоши и злобни:
2. како Ное во сеопштата лоштотија единствено останал праведен и живеел според Божјата волја.

БЕСЕДА
за Ное

Ное беше човек праведен и непорочен за својот род. Ное живееше секогаш според волјата Божја (I Мој. 6:9).

Да се биде праведен помеѓу праведниците е големо и пофално дело. Но колку е поголемо делото да се биде праведен помеѓу неправедните. А Ное поживеал меѓу луѓето исполнети со неправда и со злоба, петстотини години поживеал помеѓу нив и останал праведен пред Бога. *И стекнал Ное благодат пред Господа Бога.* Највишниот судија Кој ги гледа сите човечки дела и без пристрасност, и без грешка

ги проценува, го оценил Ноевиот труд кој покрај еден расипан и безумен род, се одржал во Божјата правда и го наградил со благодатта Своја. Несомнено е дека Ное претрпел многу мачења и горчини од своите злобни соседи. Несомнено е дека тој не можел да има пријател помеѓу нив. Најголемото задоволство на грешникот е да го довлече праведникот во својата кал и со него да го подели својот грев. Но Ное не дозволил да биде одвлечен ниту заведен. Тој повеќе сакал да го има Бога за пријател отколку неправедните луѓе. Нему му било помило да оди со Бога без луѓето отколку со луѓето без Бога. Стравот од Бога, Создателот и Судијата, го сочувал од општата расипаност. И не само што тој бил праведен, туку *бил совршен во својот род*. Односно, тој не дозволил ниту малку да се зарази од општото зло, туку се држел кон Божјата правда. Намамувањето кон гревот и потсмевот од страна на грешниците сè повеќе го оддалечувало од нив. И кога дошол општиот потоп на це-лиот човечки род, го спасил и го прославил, правејќи го родоначалник на новиот човечки род. Светлиот пример на Ное, браќа, нè учи дека секој од нас може да Му угоди на Бога, иако е помеѓу грешници околу себе, само ако сака.

О Боже праведен и долготрпелив, поддржи нè на патот на Твојата правда. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

10 ДЕКЕМВРИ

Св. мч-ци Мина, Ермоген и Евграф. И Мина и Ермоген биле атињани по род. И двајцата живееле во Цариград, имајќи големи почести и кај царот и кај народот. Мина бил познат заради големата ученост и красноречивост, и надворешно се држел како безбожник, а во срцето, пак, бил убеден христијанин. Ермоген бил цариградски епарх и се претставувал како безбожник и однадвор и однатре, иако бил милосрден и правел многу добри дела. Кога се развила некоја расправа помеѓу христијаните и незнабожците во Александрија, царот Максим го испратил Мина да ја смири расправијата и христијанството да го истреби од овој град. Мина отишол и воспоставил мир, но себе си се прикажал како христијанин и многу незнабожци обратил во вистинската вера со говорите и со многуте чуда. Кога за тоа слу-

шнал царот, го испратил Ермоген да го казни Мина и да го задуши христијанството. Ермоген го извел Мина пред судот, му ги отсекол стапалата и јазикот, му ги избодел очите, па потоа го фрлил во затвор. Во затворот на Мина му се јавил Господ Исус, го исцелил и го утешил Својот страдалник. Кога Ермоген го видел чудното исцелување на Мина и тој се крстил и почнал да ја проповеда силната Христова вера. И Ермоген бил поставен за епископ во Александрија. Тогаш разлутениот Максимијан самиот отишол во Александрија и ги ставил Мина и Ермоген на големи маки, но тие храбро ги издржале, помагани од благодатта Божја. Кога ја видел храброста на Христовите војници и Божјите чуда над нив, пред судницата се јавил секретарот Евграф, пријател на св. Мина и му викнал на царот в лице: *И ја сум христијанин!* Царот побеснал, го истргал мечот и го исекол Евграфа. Потоа, нечестивиот цар им наредил на целатите и со меч ги убиле св. Мина и Ермоген. Нивните свети мошти биле фрлени во морето, но на чуден начин доплoвиле до Цариград каде што епископот, на кого во сон за тоа му се јавило, свечено ги дочекал и чесно ги погребал.

2. Преп. Ангелина и св. Јован деспот. Ќерка на албанскиот кнез Ѓорѓи Скендербег и жена на Стефан, српскиот деспот, синот на Ѓорѓе. Претрпела прогонство со својот маж и со него делеле секаква горчина во животот, како во Србија така и во Албанија и во Италија. Своите синови Максим и Јован ги воспитала во вистинскиот христијански дух. По смртта на својот маж, се замонашила и се предала на молитва, на делата на милосрдието и на градењето и поправањето на светите храмови. Верна сопруга, прекрасна мајка и совршена христијанка, таа навистина го заслужила името „Мајка Ангелина“, како што народот сега ја вика. Нејзините чудотворни мошти почиваат до моштите не нејзиниот праведен маж Стефан и посветените синови Максим и Јован, во манастирот Крушедол (ако не се од Турците уништени). Се упокоила во почетокот на XVI век и преминала во бесмртното царство.

3. Св.мч. Гемел. Чесен граѓанин на градот Анкира. Кога царот Јулијан Богоотстапник дошол во тој град, Гемел излегол пред него и јавно го изобличил за отстапништвото од Бога. Затоа тој бил мачен и распнат на крст во 361 година. Кога бил во маките на крстот, слушнал глас од небото: *Блажен си ти Гемеле.*

4. Преп. Тома Дефуркин. Голем испосник, победник на демоните и видовит. Царот Лав Мудриот му напишал писмо, а тој му одговорил не отворајќи го писмото. Се упокоил во Господа во длабока старост во IX век.

РАСУДУВАЊЕ

На безброј начини Живиот Господ знае да милува и да покарува, да ги спасува верниците од беди, да ги обраќа неверните во верници и да ги казнува непоправливите гонители на верата. Кога лошиот Максим ги погубил прекрасните Христови маченици Мина, Ермоген и Евграф, се качил во бродот и тргнал со својата придружба од Александрија за Цариград. Но одеднаш ослепел со очите, а бидејќи и порано слеп со душата и со умот, почнал да им се жали на своите како некои невидливи раце страшно го камшикуваат. Наскоро потоа лошо и завршил како што живеел лошо. Во времето на св. Амвросиј се случило и ова: царицата Јустина, која била еретик, наговорила некој си Евтимиј, властелин од Милано, некако да го фати омразениот епископ и да го одведе некаде далеку во прогонство. Евтимиј ја подготвил колата и се населил во една куќа во близина на црквата за да може полесно да го начека сам Амвросиј и со колата да го однесе. И токму оној ден кога тој средил и подготвил сè за да го фати Амвросија, дошла царска наредба, Евтимиј, заради некое негово недело, да се фати и веднаш да се испрати во прогонство. Тогаш отишле војниците, го врзале злонамерникот и го одвеле во прогонство со онаа иста кола со која тој се подготвувал да го прогони Амвросија. Во друга прилика некој аријанец влегол во храмот каде што служел Амвросиј, со намера од неговата уста да слушне што било за да може да го тужи. Кога тој еретик го погледнал Божјиот светител, видел како го поучува народот и видел покрај него светол ангел како му шепоти на увото. Од тоа многу се исплашил, се засрамил самиот од себе, ја отфрлил ереста и се вратил во православието.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за потопот на светот, (I Мој. 7), и тоа:

1. како пред водата да го потопи светот, имало потоп од лошотија во светот;

2. како долготрпеливиот Бог испратил потоп заради човечките гревови и како водата ја потопила сета земја.

БЕСЕДА
за Аврам

Еве, се осмелив да Му проговорам на Господа, иако сум земја и пепел (I Мој. 18:27).

Ова се зборови на праведниот Аврам што ги искажал за себе. Смешни се оние луѓе, браќа, кои ќе се погордеат заради своето дружење со земните кнезови и големци, та ќе почнат за себе возвишено да мислат. Аврам се удостоил да разговара со вечниот и семоќен Цар, па сепак останал непоколеблив во своето смирение, нарекувајќи се себе земја и пепел. Кој бил овој Аврам да се удостои со толкаво Божјо благоволение во животот и пофалба по смртта и од апостолите (Гал. 3; Евр. 11), и дури и од самиот Господ Христос (Лк. 16:22; Јн. 8:39). Селанец, кој ги имал сите добродетели, живеејќи во сè според законот Божји. Човек со цврста вера во Бога, правдољубив, гостољубив, милосрден, храбар, послушен, чист и смирен. Посебно Аврам се прославил со верата, со силната вера. Сто години имал Аврам кога Бог му рекол дека неговата жена, дотогаш бездетна, ќе му роди син и тој поверувал. И уште Сара додека не го родила Исака, му рекол Бог на Аврам: *Ќе го умножам потомството твое да биде колку што е песокот на земјата* (I Мој. 13:16). И Аврам поверувал и не се посомневал. А кога му се родил на Аврам синот единец, Бог му наредил, искушувајќи го, тој свој син единец да го принесе на жртва, кое Аврам бил готов да го направи, ако Бог не го одвратил во последниот час. Овој добар човек толку многу бил верен и послушен на Бога. Затоа Бог го благословил и го направил славен на земјата и на небото. Блазе на оние, браќа, кои без размислување Му веруваат на Бога и ги исполнуваат Неговите свети заповеди. Благословот Божји ќе ги следи во двата света.

О благословен наш Создателу, благослови нè и нас грешниците и вброј нè во Твоите избраници кои имаат дел

со Аврама во Твоето царство. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

11 ДЕКЕМВРИ

1. Преп. Данило Столпник. Роден е во селото Витара кај градот Самосат во Месопотамија од христијански родители. Измолен од Бога со молитви и солзи на мајка која порано не можела да роди, како син единец, од малечок бил посветен на Бога на служба. На 12 години примил монашки чин, го посетил Симеон Столпник и од него бил благословен. Жеден за самотија, Данило го напуштил манастирот и се повлекол во некој запустен идолски храм на брегот на Црно Море. Овде претрпел безбројни напади од демоните, но сѐ победил со трпение, со молитва и со знакот на крстот. Потоа се искачил на столб, на којшто останал до својата смрт, трпејќи подеднакво и жега, и мраз, и напади од луѓето и од демоните. Околу неговиот столб се собрале многу негови ученици и тој ги упатувал кон вечниот живот со својот пример и со зборови. Овој свој предан слуга, Бог го наградил уште во овој живот со голема благодат и правел многу чуда, корисни за луѓето и ги прорекувал наредните случаи. Од сите страни течело народ под неговиот столб, барајќи од Божјиот светител помош и совет. Цареви и патријарси доаѓале кај него, како и прости луѓе. Царот Лав Велики ги доведувал своите гости од другите држави, кнезови и големци и им го покажувал св. Данило на столбот, говорејќи им: „Еве чудо во моето царство!" Данило го прорекол денот на својата смрт, ги поучил своите ученици како татко своите синови и се опростил со нив. Пред смртта, неговите ученици виделе над столбот ангели, пророци, апостоли и маченици. Откако поживеал 80 години, овој ангелски човек се упокоил во 489 година и преминал во царството Христово.

2.Преп. Лука Столпник. Живеел во Цариград во времето на царот Константин Порфиророден. Како војник учествувал во војната против Бугарите во која загинале многу илјади луѓе и од која војна тој излегол жив и неповреден. Гледајќи го во своето спасение прстот Божји, тој ја презрел сета суета во светот, се повлекол на еден столб кај Халкидон на којшто се подвизувал полни 45 години, чистејќи ја својата душа од секоја грешна желба и помисла. Откако му

угодил на Бога, се упокоил помеѓу 970 и 980 година и се преселил во подобриот живот.

3. Преп. Никон Сув. Како монах во киевските пештери бил заробен од Татарите. Три години поминал во ропство, окован, мачен и понижуван. Кога неговите роднини донесле пари да го откупат од неговиот господар, тој тоа го одбил говорејќи: „Да сакал Господ да бидам слободен, не би ме предал во рацете на овие беззаконици“. Еднаш тој му рекол на својот господар дека Христос по три дена ќе го ослободи. Татаринот мислел дека робот ќе му побегне, па му ги потсекол жилите под колената. Но во третиот ден навистина Никон со невидлива рака бил пренесен за момент во Киев. По извесно време, дошол истиот Татар во Киев и, откако го познал Никона, својот поранешен роб, се покајал и се крстил. И поранешниот господар му постанал послушник и ученик на својот поранешен роб. Никон, наречен „Исушен“, заради големата испостеност на телото, бил голем претскажувач и чудотворец. Мирно се упокоил во Господа на 11 декември 1101 година.

4. Св. мч. Миракс. Египќанец. Подмамен од муслиманскиот емир, го примил исламот. Потоа се покајал, влегол во џамијата со крстот, се објавил себе си за христијанин и ги повикал муслиманите да ја остават лагата и да ја прифатат вистината. Бил мачен и убиен околу 640 година.

РАСУДУВАЊЕ

Госӣод ѓи варди сиѿе кои Го сакааѿ (Пс. 144:20). Житијата на светите тоа го докажуваат јасно како сонце. Некои завидливи свештеници го оптужиле Данила кај патријархот Анатолиј како да е тој мудрец. Всушност, тие му завидувале тогаш на уште сосема младиот подвижник кој ги надминал во сите добродетели и со својот живот привлекол многу народ кон себе. Патријархот го повикал Данила кај себе и го испрашал првин како верува, па потоа како живее. И кога Данило искажал сè, патријархот станал од местото, го прегрнал и, пофалувајќи го, го ослободил со мир. По неколку дена се разболел патријархот Анатолиј, па го повикал Данила и го замолил да се помоли на Бога за него да оздрави. Данило се помолил на Бога и патријархот веднаш оздравел. Па бидејќи патријархот сакал со нешто да го награди Данила, младиот светител го замолил да им опрости на кле-

ветниците негови. Тогаш патријархот му рекол: „Како да не им опростам кога се тие виновници за толкавото богатство, имено, и тебе да те запознам и преку тебе да добијам исцеление?“ Навистина *Господ ги варди сите кои Го сакаат*, и злото што луѓето им го помислуваат се претвора во нивно добро. Во времето кога св. Никон Сув им робувал на Татарите, Татарот се разболел до смрт, па гледајќи дека наскоро ќе умре, на своите синови им наредил по неговата смрт да го распнат робот Никон на крст над неговиот гроб. Но св. Никон прозрел во иднината и видел дека овој негов суров господар ќе се крсти, па се помолил на Бога за негово оздравување. Така Никон со молитвата се спасил и себе од телесната смрт и својот господар од духовната.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за заветот што го направи Бог со праведниот Ное (I Мој. 9), и тоа:

1. како Бог го благослови Ноета и неговите синови после потопот;
2. како се завети дека нема повеќе да има сеопшт потоп;
3. како поставил виножито за да биде знак на тој завет.

БЕСЕДА
за Лот

И им рече (Лот): „Браќа мои, немојте да правите зло!“ (I Мој. 19:7).

Лот со жената и со двете ќерки живеел во Содома. Праведник помеѓу неправедниците. Сакаш ли да го уништиш и праведниот со неправедниот? – го прашал верниот Аврам Бога. А Бог му одговорил на верниот Аврам дека не само што нема да го погуби праведниот, туку ако се најдат десет праведни во тој град, ќе го поштеди целиот град заради тие десет. Но, во Содома се нашол само еден праведник, Лот, и тој дојденец. Како што пред потопот на светот имало само еден праведник во светот, Ное, така и пред пропаста на

Содома имало еден праведник во него, Лот. Овој Лот бил сличен на својот стрико Аврам во секоја добродетел, а посебно Му бил послушен на Бога и бил многу гостољубив. А содомците го мразеле и како дојденец, и уште повеќе, како праведник. *Браќа мои, немојте да правите зло,* ги учел Лот. Лошите ги нарекол браќа за да ги скроти и ги опоменувал да не прават зло за да ги спаси. Но неговиот братски збор кај нив предизвикувал уште поголема лутина. И се удостоил Лот ангелите Божји да го изведат од тој расипан град чии гревови викале кон Бога. Расипниците го нападнале домот на Лот да ја извалкаат светињата на гостољубието. *Браќа мои, немојте да правите зло,* ги молел Лот. Но зар ќе го слушаат човекот нелуѓето кои не се плашат од Бога? Затоа ангелите Божји ги казниле со слепило, та сите ослепеле од најмалиот до најголемиот. Тогаш ангелите го изведе Лота од градот на неправедните, а на градот пуштиле сумпор и оган. Така пропаднал злиот град и така се спасил единствениот праведник од тој град. *Подобро еден праведник отколку илјада грешници* (Сир. 16:3).

О праведен Боже, Кој никогаш не го оставаш праведникот, исправи ги нашите неправди и спаси нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

12 ДЕКЕМВРИ

1. Св. Спиридон Чудотворец еп. Тримифунтски. Островот Кипар бил и местото на раѓање и местото на службување на овој славен светител. Роден од прости родители, земјоделци, и тој бил и останал прост и смирен сè до својата смрт. Во младоста се оженил и имал деца. А кога жена му умрела, тој се предал на служба на Бога. Заради своето особено благочестие, бил избран за епископ во градот Тримифунт. Но тој и како епископ не го променил простиот начин на живеење, трудејќи се лично сам околу својата стока и обработувајќи ја земјата. За себе многу малку употребувал од плодовите на својот труд, а поголем, пак, дел им раздавал на бедните луѓе. Со Божја сила покажал многу чуда: измолил дожд во сушно време, го запрел течението на реката, воскреснал неколку мртовци, го исцелил царот Констанс од тешката болест, ги видел и ги слушнал ангелите Божји, ги предвидувал идните случувања и прозирал во тај-

ните на човечкото срце, обратил многу кон вистинската вера итн. Учествувал на I вселенски собор во Никеја и со своето просто, но јасно исповедување на верата, како и со моќните чуда, повратил многу еретици во православието. Бил така просто облечен што кога сакал еднаш, на покана од царот, да влезе во царскиот дворец, војникот, мислејќи дека е некој просјак, му удрил шлаканица. Кроткиот и незлобен Спиридон му го свртел и другиот образ. Го прославил Бога со многу чуда и бил од голема полза, како на поединци така и на целата Црква Божја. Се упокоил во Господа во 348 година. Неговите чудотворни мошти сега на островот Крф и ден–денес го прославуваат Бога со многуте чуда.

2. Свеш. мч. Александар еп. Ерусалимски. Прво бил епископ Кападокиски. Но за време на гонењето на Север во 203 година бил фрлен во затвор и бил прогонет. Потоа го примил ерусалимскиот престол. Ја основал познатата ерусалимска библиотека со која се служел Евсевиј при пишувањето на својата книга „Историја на Црквата“. Во времето на Декиј бил мачен на разни начини и бил фрлен пред ѕверовите. Откако останал жив и недопрен од ѕверовите, бил фрлен во затвор каде што и го завршил својот земен живот и преминал кај Господа во 251 година.

3. Св. мч. Разумник. Грчкото име му е Синетос или Синезиј. Како млад чтец во Рим смело ја проповедал Христовата вистина и ги изобличувал идолопоклониците. Заради тоа бил мачен во времето на царот Аврелијан и бил убиен.

РАСУДУВАЊЕ

Ништо нема да ни помогне, ако не бидеме снисходливи кон човечките слабости и не ги опростуваме. Бидејќи, како можеме да се надеваме Бог да ни опрости кога ние не опростуваме? Еднаш св. Спиридон на некој трговец му продал сто кози по договорена цена. И светителот му рекол на купувачот да ги остави парите. Купувачот, кој знаел дека Спиридон никогаш сам не ги брои парите, оставил пари за 99 кози, а за онаа едната ги скрил. Тогаш Спиридон му изброил сто кози. Но кога трговецот со слугите ги потерал козите, една од нив се вратила врескајќи. Тој ја потерал, но таа повторно се вратила. И така козата непрестајно се враќала назад во оборот не сакајќи никако да оди со останатите кози. Тогаш светителот му дошепнал на увото: „Погледни,

синко, ова животно не го прави тоа залудно. Да не ја задржа нејзината цена?“ Трговецот се посрамил и го признал својот грев. И кога скришно ја исплатил сумата, козата веднаш тргнала со останатите кози. Во друга прилика, влегле крадци во трлото со овци на Спиридон. Па кога фатиле онолку овни колку што сакале, тргнале да излезат од трлото. Но некоја невидлива сила ги приковала за земјата, та не можеле никаде да се мрднат. Кога се разденило, дошол епископот во своето трло, па кога ги видел крадците, ги покарал благо и ги поучил во иднина да се трудат да живеат од својот труд, а не од кражби. Тогаш зел еден овен и им го подарил, говорејќи: „Земете го ова за вашата мака и сеноќното бдение да не биде залудно“. И ги пуштил со мир.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за благословот на Ное над едни и проклетството на другите свои деца ((Мој. 9), и тоа:

1. како Хам ја објавил голотијата на својот татко, а Сим и Јафет ја покриле:
2. како Ное изрекол благослов над Сим и над Јафет, а проклетство над потомството на Хам.

БЕСЕДА
за Мелхиседек

Ти си вечен свешѿеник ӣо чиноѿ Мелхиседеков (Пс. 109:4).

О колку Господ има скриени и верни слуги Свои кои му служат дење и ноќе! О колку сјајни комети на ѕвезденото небо, на луѓето познати, што одненадеж ќе се јават, ќе заблескаат и ќе се изгубат во вселенскиот простор, оставајќи приказна за себе! Праведниот Аврам со своето потомство е како познатото ѕвездено небо над нашите глави, а Мелхиседек како сјајна комета, која се појавила одненадеж, пред која познатото на нас ѕвездено небо ѝ се поклонило и која се скрила во непознатото. Кој е овој Мелхиседек? *Цароѿ Салимски и свешѿеник на севишниоѿ Боӣ* (I Мој. 14:18). Тој му изнесол на Аврама леб и вино: тој го благословил Аврама; и нему Аврам му дал десеттина од сè што е негово. Па

кога е Аврам толку благословен од Бога, колку поблагословен бил оној кој го благословил Аврама? О неискажани длабочини на Божјата промисла! Човечката мисла се простира од денес до утре, а Божјата мисла проникнува сè до последното време. Мелхиседек, според зборовите на св. апостол Павле, го предобразува самиот Господ Исус Христос (Евр. 7). Бидејќи додека праотецот Аврам бил чуден и богоугоден селанец, овој Мелхиседек му понудил на Аврама леб и вино. Нашиот Господ на целиот род човечки му ги понудил Своето тело и крвта. Аврам му се поклонил на Мелхиседек и му дал доброволен данок. Вистинското потомство на Аврам, т.е. христијаните Му се поклонуваат на Господа Исуса и Му даваат доброволна жртва за дарот на телото и на крвта на Крстот. Кој ќе го искаже родот Негов? И Христовиот и Мелхиседековиот? *Аврам, ӣаӣкоӣо ваш, би се зарадувал да ӣо види Мојоӣ ден; и ӣо виде, и се зарадува* (Јн. 8:56). Господ така им рекол на Евреите. Како видел? Предвидел со духот. Бог му открил. А видел и во праобразот Христов во овој славен и чуден Мелхиседек, царот и свештеникот и слугата на Вишниот Бог.

О Господи Исусе, благослови нè и нас како што си ги благословил Твоите верни слуги Мелхиседек и Аврам. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

13 ДЕКЕМВРИ

1. Св. мч-ци: Евстратиј, Аксентиј, Евгениј, Мардариј и Орест. Овие пет храбри мажи засветиле како пет сјајни ѕвезди во темното време на христоборните цареви Диоклецијан и Максимијан. Св. Евстратиј бил римски војвода во градот Саталион, Евгениј му бил другар во војската, Орест, исто така, бил угледен војник, Аксентиј бил свештеник, а Мардариј бил прост граѓанин и од исто место со Евстратиј, односно и двајцата од градот Аравракин. Царските намесници Лисиј и Агрикола прво го мачеле Аксентиј како свештеник. Кога го видел невиното страдање на христијаните, Евстратиј сам му се пријавил на Лисиј и изјавил дека е христијанин. За време на мачењето на Евстратиј, пред судијата застанал Евгениј и извикнал: „Лисиј, и јас сум христијанин“. А кога го спроведувале Евстратиј со останатите маченици низ градот Аравракин, ги видел Мардариј од покривот

на својата куќа, се опростил со жената и со двете слаби дечиња и потрчал по нив, викајќи им на мачителите в лице: „И јас сум христијанин како мојот господин Евстратиј". А на св. Орест му испаднал крстот од пазувите кога нишанел пред Лисиј, по што, Лисиј го познал дека е христијанин, што и самиот Орест отворено го исповедал. Орест бил млад и убав војник и со растот ги надминувал сите останати војници. Аксентиј бил исечен, Евгениј и Мардариј завршиле во маки, Орест починал на усвитено железо, а Евстратиј во огнена печка. Пред смртта, св. Евстратиј го причестил во затворот св. Василиј (11 февруари). Подоцна нивните мошти биле пренесени во Цариград и биле погребани во црквата со нивно име – „Свети Петточисленици". Во таа црква нив ги гледале живи, а св. Орест му се јавил и на св. Димитриј Ростовски (види, 28 октомври). Од св. Евстратиј останала прекрасна молитва што се чита на саботната полуноќница: *Славејќи, Те величам, Госӣоди...*

2. Св. мч-чка Лукија (Луција) девица. Со својата мајка го посетила гробот на св. Агатија во Катанија, каде што ѝ се јавила св. Агатија. Нејзината крвоточна мајка тогаш чудотворно се исцелила во црквата. Лукија го раздала сиот свој имот на бедните. Тоа го огорчило нејзиниот свршеник и ја оптужил кај судијата Пасхасиј како христијанка. Лошиот судија наредил да ја одведат во блудно место и да ја осквернат. Но со силата Божја таа постанала неподвижна како за земјата закована и многу луѓе не можеле од местото да ја помрднат. Тогаш некој разлутен незнабожец ѝ го забол мечот во грлото и таа ја предала својата душа на Бога и се преселила во вечното царство. Пострадала во 304 година.

3. Свешт. мч. Граврил патријарх српски. Во страшното време на турското владеење над Србија, овој голем јерарх отишол во Русија каде што учествувал на Московскиот собор во 1655 година. Кога се вратил, бил оптужен како велепредавник. Покрај тоа некои лоши Евреи уште подигнале тужба против него затоа што превел неколкумина Евреи во христијанската вера. Во својата тужба Евреите навеле како тој работи на покрстување на Турците, со цел да ја разлутат турската власт. Но бидејќи Гаврил за тоа не сакал ни да чуе, по затворањето, бил осуден на смрт и бил обесен во Брус во 1659 година. Така тој отишол кај својот сакан Христос од Него да прими двоен венец, и како јерарх и како маченик.

РАСУДУВАЊЕ

Да се прави милостина од она што на човекот му е потребно, тоа е вистинска милостина. Да не се греши тогаш кога човекот е изложен на грешење, тоа има голема вредност пред Бога. Кога св. Лукија ја видела својата болна мајка на чуден начин исцелена, таа ѝ предложила својот имот да го употреби за милостина на бедните. Тогаш мајка ѝ одговорила дека таа не сака да се дели од имотот до својата смрт, но дека се согласува нејзиниот имот по смртта да го употреби за цел каква што сака Лукија. „Првин покри ги моите очи со земја, рекла мајката, па тогаш што сакаш тоа прави со имотот". Лукија рекла: „Не е многу угоден на Бога оној кој Нему му го дава она кое што не може да го понесе со себе (во гробот) ниту Кое му е потребно, но ако сакаш да направиш богоугодно дело, дај Му го она од кое и самата имаш потреба. По смртта, тебе ништо не ти треба и тогаш Му го понудуваш она што самата со себе не можеш да го понесеш. Туку додека си жива и здрава дај му на Христа тоа што го имаш; и сѐ што мислиш мене да ми дадеш, почни да Му го даваш нему". Добрата мајка на мудрата ќерка се согласила со тоа. Кога мачителот Пасхасиј ја принудувал оваа света девојка на телесен грев, Лукија не сакала ни со помисла да се согласи на тоа. А кога мачителот ѝ заканил дека неговите луѓе насилно ќе ја осквернат, велејќи ѝ со потсмев: „Кога ќе бидеш осквернета, ќе побегне од тебе Светиот Дух". Благодатната Лукија тогаш одговорила: „Телото никогаш не може да се оскверни без согласност на умот". И тргнала света Лукија во смртта откако претходно го раздала сиот свој имот, не осквернувајќи го своето младо и чисто тело.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за исполнувањето на зборовите на Ное над неговото потомство (I Мој. 9), и тоа:

1. како Јафетите (белата раса) се рашириле по целиот свет;

2. како тие се вселиле во Симовите шатори, т.е. во Црквата, во духовниот Христов шатор, кој започнал од Семитите, Евреите;

3. како хамитските племиња останале до денес во потчинета положба.

БЕСЕДА
за Исак

И истата ноќ му се јави Бог, и му рече: „Јас сум Бог на Аврама, таткото твој. Не плаши се зашто Јас сум со тебе и ќе те благословам“ (I Мој. 26:24).

Отсекогаш, браќа, е тесен патот по кој одат праведниците. Отсекогаш се тие стеснети, или од оние кои не веруваат во Бога, или од оние кои погрешно веруваат. Авел бил стеснет од својот брат Каин. Ное и Лот од еден сосема расипан род, а Аврам, Исак и Јаков од незнабожците. Но Бог не го остава праведникот сам на тесниот пат. Тоа го гледаме и кај Исак. *Јас сум Бог на Аврама, таткото твој, не плаши се.* Овие многу значајни зборови Исак ги разбрал. Со тие зборови Бог и храбрел и опоменувал. Сака да каже: заради Аврама и тебе ќе те благословам; и како што го чував Аврам меѓу незнабожците така и тебе ќе те чувам; и уште: биди ми верен како Аврам, твојот татко. Исак го следел примерот на својот татко и не отстапувал од Бога целиот свој живот. Бил земјоделец и сточар како татко му, бил праведен и кроток, избегнувајќи ја кавгата со луѓето и правејќи им добро на луѓето. *Видовме дека Господ Бог е навистина со тебе* (I Мој. 26:28), морале најпосле да му признаат тие што го мразеле и што го гонеле. И се удостоил Исак, Бог да се нарече негов Бог. Како што се нарекувал Бог Аврамов така потоа и се нарекувал Бог Исаков.

О Господи чуден и свет, спомени ги и нашите имиња со имињата на праведниците и светителите Твои во Твоето царство. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

14 ДЕКЕМВРИ

1. Св. мч-ци: Трис, Левкиј и Калиник. Св. Тирс и Левкиј биле чесни граѓани на Кесарија Витиниска, првиот

крстен, а вториот огласен христијанин. Калиник, пак, бил идолски жрец. Кога наследникот на царот Декиј, Кумрикиј, почнал да ги мачи и да ги убива христијаните, стапил пред него бестрашниот Левкиј, го изобличил и му рекол: „Зошто самиот со својата душа завојува, о Кумврикие?" Разлутениот судија наредил веднаш да го тепаат и да го мачат и на крајот со меч да го исечат. Намачениот Левкиј тргнал на исекување весело, како на свадба. Кога ја видел смртта на храбриот Левкиј, блажениот Тирс се разгорел со божествена ревност, па како и Левкиј, и тој застанал пред судијата и го изобличил за злосторствата и за неверувањето во единствениот вистински Бог. И тој бил тепан и во затвор фрлен. Невидливата рака Божја го исцелила од раните, му ја отворила вратата од затворот и го извела надвор. Тирс веднаш отишол кај епископот кесариски Филеј за да биде крстен. По крштавањето, повторно бил фатен и мачен, но тој ги трпел маките, поднесувајќи ги како во сон, а не најаве. Со силата на неговата молитва пропаднале многу идоли. Кога го видел тоа идолскиот жрец Калиник, се обратил во верата Христова. И тој и Тирс биле осудени на смрт. Калиник со меч го исекле, а Тирса го ставиле во дрвен сандак со пила да го пресечат. Но силата Божја ова не го допуштила, та пилата не можела ни да започне да сече во дрвото. Тогаш свети Тирс станал од сандакот, се помолил на Бога, благодарејќи му за маките и мирно го предал својот дух на својот Господ. Кон крајот на IV век кесарот Флавиј кај Цариград изградил црква на св. Тирс и во неа ги положил неговите свети мошти. Светителот ѝ се јавил на царицата Пулхерија во визија и ѝ препорачал да ги погребе моштите на 40 маченици до неговите мошти.

2. Св. мч-ци: Филимон, Аполониј, Аријан и други. Во времето на Диоклецијан некој судија Аријан луто ги мачел христијаните во Египет. Го фатил Аполонија и му се заканил со маки. Овој се исплашил од маките, па потплатил некој познат музикант Филимон, незнабожец, тој наместо него, преоблечен во неговите алишта, да им принесе жртва на идолите. Но кога Филимон застанал пред идолите, одеднаш засветила светлината на христијанската вера во неговото срце и тој се прекрстил. Потоа излегол и почнал да вика: *Христијанин сум, слуга на живиот Бог!* Кога го слушнал тоа судијата, се насмеал, мислејќи дека Филимон им се потсмева на христијаните. Потоа Филимон бил мачен со грозни маки. Врз него паднало дожд од небото и бил крстен. Нај-

после и Филимон и Аполониј биле исечени од судијата Аријан. Тогаш Аријан постанал христијанин, откако го излекувал своето слепо око на чуден начин, на гробот на Филимона. Бил осуден на смрт од царот Диоклецијан и погубен со 4 војници, кои, исто така, се изјасниле како христијани.

РАСУДУВАЊЕ

Има три вида на пофална ревност: ревност кон очистување од гревовните желби и помисли, ревност кон вистината на верата и ревност кон Божјата правда помеѓу луѓето. Сите овие видови на ревност до совршенство ја исполнувале душата на св. Николај Чудотворец. Ревноста во себеочистувањето тој ја покажувал низ целиот живот стражарејќи будно над своето срце. Ревноста кон вистината на верата ја покажал посебно на Првиот вселенски собор во Никеја кога дошол во страшна расправија со Ариј. Ревноста кон правдата Божја помеѓу луѓето тој ја покажал особено во два значајни случаи кога спасил по тројца невини луѓе од смртна казна. Еднаш, во негово отсуство, од градот Мир златољубивиот војвода Евстатиј осудил тројца луѓе на смрт со меч, откако за тоа примил мито од некои нивни непријатели. Кога за тоа бил известен св. Николај, со најголема брзина дошол во Мир. Осудените биле изведени на губилиштето. Џелатот веќе го подигнал мечот над невините луѓе. Во тој момент Николај го фатил мечот, го истргнал од рацете на џелатот и ги ослободил осудениците. Пота го укорил војводата Евстатиј и го натерал да се засрами и да се покае. Исто така биле наклеветени кај епархот цариградски Евлавиј и кај царот, тројца царски војводи: Непотијан, Урс и Ерпилион. Царот им потпишал смртна пресуда. Пред денот на погубувањето, тројцата војводи се помолиле на Бога, велејќи: *Боже на Николаја, избави нè нас невини од смртта!* Таа ноќ Николај им се јавил, на сон, на царот и на епархот, ги изобличил за таа неправда и наредил веднаш да ги ослободат од затвор тројцата војводи. Утредента царот и епархот го раскажале еден на друг истото ноќно видение и веднаш ги ослободиле војводите од смртта и од затворот.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за послушноста на Аврам кон Бога, и тоа:

1. како Аврам Го послушал Бога кога му наредил да излезе од својата земја и од својот род и од домот на својот татко (I Мој. 12);

2. како тој Го послушал Бога кога му наредил да го принесе на жртва својот син единец.

БЕСЕДА
за Јаков

Бога Го видов лице в лице и
душата моја се спаси (I Мој. 32:30).

Бог Аврамов и Исаков бил и Бог Јаковов, Бог на верните, на послушните, на милостивите и на кротките. Јаков може да се нарече кроток боговидец. Зашто навистина бил кроток и го видел Бога, и говорел со Бога, и ги видел ангелите Божји, и лествицата од земјата до небото. Со својата кроткост го победил Лавана, својот тест, и Исава, својот брат; со својата кроткост внесол мир меѓу своите жени, Лија и Рахила, заради кроткоста му бил мил на фараонот. Кроткоста на Јаков е праобраз на Христовата кроткост. *Блажени се кротките*, рекол Господ, *зашто ќе ја наследат земјата* (Мт. 5:5). Овие зборови се овистиниле на Јакова. Тој ја наследил земјата на своите татковци; неговото потомство се ослободило од Египет и ја наследило Ветената Земја; а преку Христа Господа, својот потомок по тело, тој ја наследил целата земја. *Го видов Бога лице в лице*. Јаков го видел Бога во вид на човек, но не како вистински човек. *И мојата душа се спаси*. Му се спасила душата од стравот и од секоја неправда. Па кога Јаков се спасил, гледајќи го само како привидение Бога, колку ни е полесно да се спасиме ние, кои го знаеме Бога како вистински човек, како Богочовек.

О Господи кроток, сило и славо на кротките, како што си го спасил Јакова со Твоето привидение, спаси нè и нас со твоето вистинско тело и крв. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

15 ДЕКЕМВРИ

1. Свешт. мч. Елевтериј. Од доброто дрво и родот е добар. Овој прекрасен светител имал благородни родители со големо име. Бил роден во Рим каде што неговиот татко бил царски антипат. Мајка му Антија го слушала ***Еванѓелието*** од самиот апостол Павле и од него била крстена. Откако рано останала вдовица, таа го дала својот единец син на учење и на служба кај римскиот епископ Аникита. Кога го видел Елевтерија, од Бога надарен и со благодат Божја просветлен, епископот го ракоположил во 15. година за ѓакон, во 18. за презвитер, а во 20. година за епископ. Од Бога дадената мудрост на Елевтериј му го надополнувало она за што сонувал со години. И овој богоугодник бил поставен за епископ на Илирија со седиште во Валона (Авлона) албанска. Добриот пастир добро си го чувал своето стадо и го умножувал од ден на ден. Царот Адријан, христогонителот, испратил некој свој војвода Феликс со војниците да го фатат и да го доведат Елевтерија во Рим. Кога разлутениот Феликс стигнал во Валона и кога влегол во црквата, го видел и го слушнал светиот архијереј Божји, одеднаш се променило неговото срце и тој постанал христијанин. Елевтериј го крстил и тој тргнал со него во Рим, тргнал весело како да оди на прослава, а не на суд и на маки. Царот наредил страшни мачења врз благородниот Елевтериј: го камшикувале, го печеле на железен кревет, го вареле во смола, го гореле во огнена печка. Но со силата Божја Елевтериј бил избавен од сите тие смртоносни измачувања. Кога го видел сето тоа, Корив, епархот римски, и тој изјавил дека е христијанин. И Корив бил мачен, па погубен. Исто така и блажениот Феликс. Најпосле џелатите царски му ја отсекле и чесната глава на св. Елевтериј. Кога дошла мајката, света Антија над мртвото тело на својот син и таа била исечена. Нивните тела биле пренесени во Валона, каде што св. Елевтериј и денес го прославува името Христово со многу чуда. Пострадал во времето на Адријан во 120 година.

2. Св. Стефан Исповедник Сурожски. Родум од Кападокија. Воспитан во Цариград кај патријархот св. Герман. Се оддалечил во самотија и живеел скриен од светот. Ангел му го објавил на св. Герман и му заповедал да го постави Стефана за епископ во градот Сурож (сегашен Судак на Крим). Патријархот така и направил. Ревносниот Стефан

обратил многумина во христијанството. Многу страдал од царот Лав Исавријанец за иконите. На царот му го прорекол скорешното загинување. По страшната смрт на овој цар, Стефан бил вратен во својата епархија, каде што богоугодно го чувал своето стадо и мирно завршил кон крајот на VIII век.

3. Преп. Павле во Латра. Родум од Пергам; се подвизувал на гората викана „Латра" во Мала Азија. Бил прославен со подвизите и со многу чуда. Во староста се упокоил мирно и се преселил кај Господа во 950 година.

4. преп. Пард Отшелник. Во младоста бил арабаџија, но поради некој несакан грев го напуштил светот и се повлекол во пустината на подвиг. Живеел во Палестина во VI век.

РАСУДУВАЊЕ

За убиство од несакање граѓанскиот суд го ослободува убиецот. Црквата пак налага епитимија врз таквиот убиец, многу полесна од онаа кон убиецот со умисла, но сепак, без казна не го остава. Ако еден свештеник не сакајќи убил, Црквата доживотно му го забранува свештенослужењето. Христијанинот со осетлива душа и со изострена совест на себе си налага и потешка епитимија отколку што одредила Црквата. Св. Пард како арабаџија еднаш бил дојден во Ерихон. Откако ги оставил своите маски пред гостилницата, влегол внатре. Тогаш некое дете паднало под маската и таа со нозете го изгазила и тоа умрело. Кога Пард го видел крвавото и мртво дете, убиено од неговата маска, толку многу се натажил во срцето како да е самиот со сакање крив за смртта на детето. И овој совесен човек си наложил на себе претешка епитимија: го оставил своето занимање, го напуштил светот, иако бил сосема млад, и се оддалечил во суровата пустина на тежок подвиг со телесен и духовен труд и покајание. Со многу плач тој принесувал покајание кон Бога за убиството на детето. Сакал животот на детето да го плати со својот живот. И се молел на Бога тоа некако да го устрои. Го задевал лавот за да го растргне, но тој бегал од него. Легнал на тесна патека по која лавот одел за да биде убиен од ѕверот, но лавот прескокнувал преку него и не сакал да го допре. Кога го видел тоа, дека Божја волја е тој да живее, а да не загине, тој се успокоил, но останал до својата смрт

скрушен покајник. Зар тоа не е осетлива, човекољубива и богоплашлива душа? Зар тоа не е префинета и изострена совест на еден вистински христијанин?

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за силната вера на Аврам (I Мој. 15), и тоа:

1. како Бог му ветил на бездетниот и престарен Аврам голем пород;
2. како Бог му предвидел многубројно потомство како што се ѕвездите на небото;
3. како Аврам му поверувал на Бога, и спротивно на сè, како тоа Бог му го примил во правда.

БЕСЕДА
за Јосиф

Но шој, осшавајќи ја облекаша своја во рацеше нејзини, избеѓа и си ошиде (I Мој. 39:12).

Две големи и тешки искушенија претрпел Јосиф: искушение на злобна завист од страна на родените браќа и искушение на блудна страст од заводливата жена Египќанка. Зависта го продала како роб, а блудната страст невин го одвела во затвор. И во едниот и во другиот случај тој за злото вратил со добро: на гладните браќа им дал храна, на исплашениот фараон му го спасил животот и престолот и народот. Браќата намислиле да го убијат. Бог го сочувал. Блудната жена намислила да го уништи, Бог го сочувал. Од роб и од затвор, Бог го овенчал со слава и со неограничена власт. И од оној, кого злобните браќа можеле со еден удар да го убијат, и кого моќната жена на Пентефриј можела во еден миг да го скрши, Бог направил неограничен господар на животот на многу милиони луѓе и единствен хранител на прегладнетите негови браќа. Така чудната Божја милост е со праведниците. Така знае Бог да ги сочува и да ги прослави незлобните и целомудрените. Во големината на судбината на Јосиф ние ја гледаме големината на милоста Божја. Едно око никогаш не спие, о браќа мои. Да се држиме до Бога и

да не се плашиме од никого. Да бидеме незлобни и целомудрени и да не се плашиме од злоба, ни од клевета, ни од затвор, ни од понижување, ни од беда. Напротив, да се радуваме кога сето тоа ќе нè снајде заради незлобливост и целомудреност, да се радуваме и со вера да ја очекуваме појавата на Божјото чудо со нас. Да очекуваме во секоја бура гром на Божјата правда и тишина.

О Господи таинствен, кој притаено, но будно го следиш праведникот во ропството и во затворот, ја јавуваш Својата милост во свое време, помогни ни да бидеме незлобливи и целомудрени. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

16 ДЕКЕМВРИ

1. Св. пророк Агеј. Роден во Вавилон за време на робувањето на Израилот. Од племето е на Левиј. Пророкувал 470 години пред Христа. Како момче го посетил Ерусалим. Ги поттикнувал Зоровавел и првосвештеникот Исус да го обноват Господовиот храм во Ерусалим, прорекувајќи му на тој храм поголема слава од поранешниот Соломонов храм. *Славата на овој последен храм ќе биде поголема отколку на поранешниот, вели Господ Саваот* (Агеј, 2:9). Затоа што во тој нов храм ќе се јави Господ Спасителот. Доживеал да види еден дел од храмот соѕидан од Зоровавел. Умрел во старост и им се придружил на своите предци.

2. Св. Никола Хрисоверг патријарх Цариградски. Управувал со Црквата од 980 до 995 година. Тој го ракоположил за презвитер големиот Симеон Нов Богослов тогаш кога овој духовен големец бил избран за настојател на манастирот „Св. мч. Мамант“ во Цариград. Во негово време се случило во Кареја чудното јавување на архангелот Гаврил, кој во таа прилика ги научил монасите да ја фалат Пресвета Богородица со песната „Навистина е достојно“ и што ја напишал таа песна на плоча во црквата на една келија, која од тогаш се нарекува келија „Достојно“ (види, 13 јуни). Познат и голем јерарх; мирно се упокоил и преминал во царството Божјо.

3. Св. Теофанија царица. Од познати родители Константин и Ана, кои биле роднини на неколку цареви. Нејзините родители биле долго бездетни и ѝ се молеле на

Пресвета Богородица да им се даде пород. И Бог им ја дал оваа ќерка, Теофанија. Задоена со христијански дух од самото детство, Теофанија ги надминала сите свои другарки во сите христијански добродетели. Кога пораснала, стапила во брак со Лав, синот на царот Василиј Македонецот. Со својот маж претрпела големи беди. По некаква клевета, како Лав да носел нож во чизмата, во погоден момент за да го убие својот татко, лесноверниот Василиј ги затворил во затвор и синот и снаата. Овие две невини души останале во затвор три години. Еднаш, на празникот Св. пророк Илија, царот ги повикал своите големци во дворецот на гозба. Во еден момент, одненадеж, папагалот на царот му ги изговорил овие зборови: „Авај, авај, господин Лаве!“ И ги повторил тие зборови повеќепати. Тоа ги довело сите царски господа до големо возбудување и сите го замолиле царот да ги ослободи синот и снаата. Растажениот цар така и направил. По смртта на својот татко, се зацарил тој Лав, наречен Мудар. Своето царско достоинство Теофанија го сметала за ништо, па целата предадена на Бога се грижела за спасението на душата, постејќи и молејќи се, делејќи многу милостина и обновувајќи многу манастири и храмови. Од нејзините усни не излегол лажен, ниту прекумерен збор, а најмалку клевета. Пред својата смрт, ги повикала сите свои ближни и се опростила со нив, па ја предала својата душа на Бога во 892 година. Царот Лав сакал да подигне храм во нејзино име на нејзиниот гроб, но откако патријархот приговорил за тоа, тој го подигнал храмот „Сите Светии“, говорејќи дека, ако Теофанија се посветила, нека се прославува заедно со останатите светии. Тогаш е востановен празникот Сите Светии, во неделата по Св. Троица.

РАСУДУВАЊЕ

Голем труд вложувале светителите да ја победат во себе гордоста и самопочитта и да се привикнат на потполна послушност и преданост, било на своите претпоставени, додека ги имале, било на самиот Бог. Манастирот „Св. Сава Освештен“ се одликувал со посебна дисциплина, ред и беспрекорна послушност. Кога св. Јован Дамаскин стапил во тој манастир, никој од познатите духовници не се осудил толку прославен големец и писател да го земе како свој послушник. Тогаш игуменот го предал на еден прост, но строг

старец. Старецот му наредил на Јована дека ништо не смее да прави без негово знаење и одобрение. Меѓутоа, се случило да умре еден калуѓер, кој во истиот манастир имал роден брат. Овој брат бил во неискажлива тага по својот умрен брат. Заради утеха на неутешниот брат, Јован напишал посмртни стихири на умрениот, познатите песни на опелото што Црквата и ден–денешен ги чува. Откако ги составил, Јован почнал да ги пее. Кога неговиот старец го слушнал пеењето, многу се разлутил и го избркал Јована од кај себе. Кога слушнале за ова Јованово изгонување, некои монаси се осмелиле, отишле кај старецот и почнале да го молат да му опрости на Јована и да го прими назад. Но старецот останал непоколеблив. Јован горко плачел и солзи ронел што ја прекршил заповедта на својот старец. Уште еднаш браќата го замолиле старецот на Јована да му одреди некаква епитимија, па потоа да му опрости. Тогаш старецот наложил ваква епитимија на својот ученик: сите клозети, по сите келии во целиот манастир, со своите раце да ги очисти и да ги измие, ако сака опростување. Ожалостените браќа му го соопштиле на Јована тоа, мислејќи дека Јован попрво ќе го напушти манастирот отколку тоа да го направи. Но кога Јован ја слушнал пораката на старецот, многу се израдувал и со радост ја извршил заповедта на старецот. Кога го видел тоа, старецот се расплакал, го прегрнал Јована и низ плач рекол: „О каков страдалник јас во Христа родив! О како овој човек е вистински син на светата послушност!“

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за великодушноста на Аврама, и тоа:

1. како Аврам не сакал да се кара со Лот заради кавгата на нивните овчари, туку му предложил делба;

2. како при делбата тој му оставил на Лот да избира дали ќе оди налево или надесно;

3. како Аврам откако го победил царот на Содом, го одбил понуденото богатство и не сакал да земе ниту конец ниту ремен.

БЕСЕДА
за Мојсеј

А Мојсеј беше најкроткиот човек меѓу сите луѓе на земјата (IV Мој. 12:3).

Избран маж, голем чудотворец, праобраз на Господа Исуса Христа во чудотворството, победник во Египет, победник во пустината, водач на народот – како да не се погордее? Но, да се погордеал Мојсеј не би бил сè она што бил. Се гордеат оние кои мислат дека тие своето дело го прават во овој свет, а не Божјото, и кои мислат дека сè прават со својата сила, а не по Божјата. А големиот Мојсеј знаел дека тој е извршител на Божјото дело и дека силата со која делувал била Божја сила, а не негова. Затоа не се погордеал ни со страшните чуда што ги направил, ни со големите победи што ги добил, ниту со мудрите закони што му ги дал на народот. *Сила моја и песна моја е Господ,* рекол Мојсеј (II Мој. 15). Од целиот собор на Израилците во пустината никој не ја чувствувал толку својата сопствена немоќ како овој, најголем во тој собор. Во секоја работа, на секое место, и во секој момент, тој очекувал помош само од Бога. *Што ќе правам,* тој со извик го прашувал Бога и непрестајно го наслушувал одговорот Божји и силата Божја. *Кроток, покрај сите луѓе на земјата.* Бидејќи сите други држеле нешто на себе, се надевале на нешто во себе, а тој – на ништо. Тој целиот бил впиен во Бога, сиот бил скрушен пред Бога. Кога требало да се храни или напојува народот, тој Му се обраќал на Бога; или кога требало да се бори со непријателот, тој ги подигнувал рацете кон небото; или кога требало бунтот кај народот да се смирува, тој повикувал кон Бога. Кроток, многу кроток Мојсеј! И Бог го наградил Својот верен слуга со голема слава. И го удостоил Бог да се види на Тавор со Илија, покрај Господа Спасителот.

О Господи, Боже на кротките, добар Пастиру, направи нè и нас кротки, слично на Мојсеја и на апостолите. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

17 ДЕКЕМВРИ

1. Св. пророк Данил и три отроци: Ананиј, Азариј и Мисаил. Сите четворица биле од царското племе Јудино. Кога Навуходоносор (или Невукаднезар) го разурнал и го пленил Ерусалим, тогаш Данил, како дете, бил одведен во ропство заедно со јудејскиот цар Јоаким и со многу други Израилци. Описот на неговиот живот, страдањата и пророштвата може да се најдат исцрпно во неговата книга. Сиот предаден на Бога, св. Данил од раната младост добил од Бога дар на голема видовитост. Неговата слава помеѓу Јудеите во Вавилон почнала тогаш кога тој изобличил двајца похотливи и неправедни старци, јудејски судии, и ја спасил премудрата Сосана (Сузана) од неправедна смрт. А неговата слава помеѓу Вавилонците почнала од оној ден кога тој му го погодил и му го протолкувал сонот на царот Навуходоносор. Затоа царот го направил кнез на својот дворец. Кога царот направил златен идол во полето Деира, три момчиња не сакале да му се поклонат на идолот заради што биле фрлени во огнена печка. Но ангел Божји се јавил во печката и го изгаснал огнот така што момчињата се шетале низ печката, неповредени од огнот и пееле: *Благословен си Господи, на нашите отци.* И го видел царот тоа чудо и бил вчудовиден. Царот ги извел момчињата од печката и ги опсипал со големи почести. Во времето на царот Валтазар, кога царот еднаш на гозба јадел и пиел со своите гости од осветените садови, земени од ерусалимскиот храм, невидлива рака на ѕидот напишала три зборови: *мани, текел, фарси*. Тие зборови никој не можел да ги протолкува освен Данил. Таа ноќ Валтазар бил убиен. Данил двапати бил фрлен во лавовска јама заради верата во едниот и живиот Бог. И двата пати Господ го спасил и тој останал жив. Данил го видел Бога на престолот со ангелските сили, гледал ангели, проникнувал во иднината на поедини луѓе, царства и на целиот човечки род, го прорекол времето на доаѓањето на Спасителот на земјата. Според Кирил Александриски, Данил и трите момчиња доживеале во Вавилон длабока старост и биле со меч убиени заради вистинската вера. Кога го исекле Ананија, Азариј ја прострел својата облека и ја прифатил неговата глава; потоа главата на Азариј ја прифатил Мисаил, а главата на Мисаил ја прифатил Данил. Ангел Божји ги пренесол нивните тела во Јудеја на гората Гевалска и ги положил под еден камен. Според преданието, овие четири Божји угодници станале за

време на смртта на Господа Христа и се јавиле на многумина, па повторно заспале. Данил се смета меѓу четирите големи пророци (Исаија, Јеремија, Језекил и Данил). Живеел и пророкувал 500 години пред Христа.

2. Преп. Данил (Донале). Големец и гувернер на островот Ниверта кај Кадикс во Шпанија. Кога ја познал целата суета на овој свет, ги напуштил славата и богатството, па дошол во Рим каде што се замонашил. Потоа отишол во Цариград, каде што разговарал со царевите Константин и Роман Порфирородниот, па потоа се упатил во Ерусалим. Во Ерусалим примил голема схима од патријархот Христодул, кој му дал име Стефан. Лут на Сарацените, кои го присилувале да ја обричи својата брада, тој се оддалечил во Египет каде што за името Исусово претрпел многу маки и смрт. Се преселил во Христовото царство кон крајот на X век.

3. Преп. новомч-ци Пајсиј и Авакум. Пајсиј бил игумен на манастирот Трнава кај Чачак. Авакум бил негов собрат и ѓакон. И двајцата како христијани биле набиени на кол од Турците, во Белград, на Калемегдан, на 17 декември 1814 година. Носејќи го својот кол низ белградските улици, храбриот Авакум пеел. Кога неговата мајка со плач го молела да се потурчи за да го сочува својот живот, овој прекрасен Христов војник ѝ одговорил: *Мајко, мајко, ти благодарам за млекото, но не ти благодарам за советот...*

РАСУДУВАЊЕ

Со постот, на прво место, се добива телесно очистување, а преку телесната чистотија се добива и духовно очиствување. Воздржливоста во храната, според зборовите на синот на благодатта, св. Ефрем Сирин, значи: „Да не се сака и да не се бара многу јадења, вкусни и скапи, да не се јаде ништо надвор од определеното време; да не се предава на духот на стомакоугодието, да не се раздразнува гладот во себе со гледање на добри јадења; и да не се сака час едно, час друго јадење“. Голема заблуда е дека воздржаноста во јадењето и посната храна му штетат на телесното здравје. Позната работа е дека испосниците најдолго живееле и најмалку боледувале. Пример за тоа ни дава св. пророк Данил со трите момчиња во Вавилон. Кога царот му наредил на својот евнух овие момчиња да ги храни со јадења од царската трпеза и да ги напива со добро вино, Данил му рекол на ев-

нухот дека тие не сакаат да земаат царска храна и пиење, туку само растителна храна (Данил не сакал да јаде јадења испрскани со крв од идолски жртви). А евнухот се исплашил момчињата да не ослабат од посната храна и своето стравување му го изнесол на Данила. Тогаш пророкот му предложил да направи една проба и да се увери дека посната храна нема да ги ослаби. Имено, останатите момчиња на царскиот дворец да ги хранат од царската трпеза, а нив четворицата да ги хранат само со растителни семиња во текот на десет дена, па тогаш нека направи споредување. Евнухот го послушал Данила и направил според неговиот предлог. По десет дена лицата на четворицата испосници биле посветли, а нивните тела појаки отколку кај вавилонските момчиња кои јаделе и пиеле од царската трпеза.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за гостољубието и милосрдието на Аврам (I Мој. 18), и тоа:

1. како Аврам видел тројца луѓе (ангели) каде што идат па им истрчал во пресрет, ги навратил кај себе и ги нагостил;

2. како Тој Го молел Бога да го поштеди Содома заради праведниците кои е можно да ги има во тој град.

БЕСЕДА
за Исус Навин

Не отстрануувај се од сето тоа ни надесно ни налево... не плаши се и не ужаснувај се зашто Господ, твојот Бог, е заедно со тебе каде и да одиш (Ису. 1: 7–9).

Исус Навин во сè и до крај го послушал Господа, не отстапувајќи ни десно ни лево од заповедите Господови. Тој бил опкружен со голем ужас и стравотии, водејќи го народот преку непознатата земја и низ густите редови на непријателот, но не се ни плашел, ниту се уплашил. Тој себеси се сметал за оружје Божјо и своите војни ги сметал за војни Божји. Како што верниот војник ги слуша заповедите на

својот војвода, така и тој наслушувал и ја слушал волјата на живиот Бог. На себе не си припишувал никакво добро, никаква сила, никаква заслуга, но сè на Бога и само на Бога. Во својата војска, и во своето оружје, и во својата мудрост не се надевал ни најмалку, но во Бога, и само во Бога сесилниот и семудриот. Гледате ли, браќа, со какви луѓе Бог одел. О кога христијанските владетели и војводи би го виделе ова и би се научиле од Исуса, слугата Божји, како треба да Му се служи на Бога. О кога сите тие еднаш би разбрале дека е најдобро да му се служи на народот кога Му се служи на Бога, и дека не може да му се служи на народот, а да не Му се служи на Бога. Господ Бог го исполнил Своето ветување и бил со Исус Навин до крајот на работата и на неговиот живот. А дека Господ бил со него, тоа го покажуваат големите и страшни чуда што Господ ги покажал преку овој Свој верен слуга. Бог го разделил Јордан, та народот без мост поминал по суво; Бог направил да паднат ѕидовите ерусалимски на гласот од трубата; Бог му ги отворил очите на Исуса да го види големиот Архангел со мечот во раката; Бог ги предал силните непријатели во рацете на Израилците; Бог го запрел Сонцето над Гаваон и Месечината над долината Елонска. Навистина никогаш и никаде Бог не го оставил Својот слуга Исуса зашто Исус не оставил неисполнета ниедна Божја заповед. Сведок на живиот Бог и праобраз на Спасителот на светот, кога бил стар и во одминати години, го поучил својот народ како што Него Бог во почетокот го поучил: *Не отстапувајте ни надесно ни налево, туку држете се до Господа Својот Бог* (гл.23)

О Господи Исусе, Сине Божји кој си покажал преголеми чуда преку Исус Навин, верниот Твој слуга, поткрепи нè и охрабри нè да не отстапиме од Тебе ни надесно ни налево заради Твојата слава и спасението наше. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

18 ДЕКЕМВРИ

1. Св. мч. Севастијан и други со него. Овој славен Христов маченик се родил во Италија и бил воспитан во градот Милано. Уште во младоста се предал на војничка служба, и како учен, воспитан и храбар му се замилил на царот Диоклецијан, па го поставил за началник на својата

дворска гарда. Во тајност ја исповедал верата христијанска и се молел на живиот Бог. Како чесен човек, правичен и милостив, Севастијан бил омилен многу од своите војници. Каде што можел, тој ги спасувал христијаните од маки и од смрт, а каде што не можел, тој ги охрабрувал неотстапно да гинат за Христа, живиот Бог. Двајца браќа Марко и Маркелин, кои биле во затвор заради Христа и веќе на границата да се одречат од Христа и да се поклонат на идолите, Севастијан ги утврдил во верата и ги охрабрил за маченништвото. Кога им зборувал да не се плашат од смртта за Христос, неговото лице се просветлило и сите го виделе неговото лице светло како лице на ангел Божји. Своите зборови Севастијан ги потврдил и со чуда: ја исцелил од немост Зоја, жената на темничарот Никострат, која била нема шест години, и ја привел кон крштавање и неа и целиот дом на Никострат; ги исцелил и двајцата болни синови на војводата Клавдиј и ги привел кон крштавање Клавдиј и неговиот дом; го исцелил од единаесетгодишна болест Транквилин, таткото на Марко и на Маркелин и го привел кон крштавање, заедно се целиот негов дом; од иста болест го исцелил и епархот римски Хроматиј и го привел кон крштавање него и неговиот син Тивуртиј. Од нив прво пострадала св. Зоја, која ја фатиле на гробот на св. апостол Петар каде Му се молела на Бога. По мачењето, ја фрлиле во реката Тибар. Тогаш го фатиле Тивуртија и судијата пред него ставил жар, говорејќи му да избере: живот или смрт, т.е. или да фрли темјан и да ги покади идолите или самиот да застане бос на жарот. Св. Тивуртиј се прекрстил и застанал босоног на жарот и останал неповреден. Потоа бил со меч исечен; Никострат бил убиен со стап; Транквилин бил потопен во вода; Марко и Маркелин биле мачени и со копја биле прободени. Тогаш Севастијан бил изведен пред царот Диоклецијан. Царот го укорил за предавството, но тој му рекол: „Јас секаде Му се молам на мојот Христос за твое здравје и за мир на Римското царство“. Царот наредил гол со стрели да го стрелаат. Војниците го стрелале сè додека целото тело на маченикот не било покриено со стрели, та повеќе и не се гледало од стрелите. И кога сите мислеле дека е мртов, тој се појавил жив и потполно здрав. Тогаш незнабожците со стапови го убиле. Славно пострадал за Христа својот Господ и се преселил во небесното царство во 287 година, во времето на царот Диоклецијан и епископот римски Гај.

2. Св. Флор еп.Амински. Живеел во времето на царот Јустинијан II и Маврикиј (565–602). Бил од благородно семејство и самиот бил благородник. Ги оставил метежот и суетата на светот и се повлекол во манастир на подвиг заради спасение на душата. Потоа бил избран за епископ на градот Аминс во Кападокиската област. И како подвижник и како јерарх Му угодил на Бога и мирно се преселил во царството Божјо.

3. Св. Модест патријарх Ерусалимски. Кога му умреле родителите, тој имал само 5 месеци. Но со Божјата промисла, бил воспитан во христијански дух. Кога пораснал, бил продаден како роб на некој безбожник во Египет. Тој успеал да го обрати својот господар во верата Христова. Господарот му подарил слобода. Се повлекол во Синајската гора, каде што се подвизувал до својата 59. година. Тогаш бил избран за патријарх Ерусалимски. Го чувал стадото Христово како вистински пастир и мирно се упокоил во 633 година, во 97. година од својот живот.

РАСУДУВАЊЕ

Во овој живот човекот е повикан да избира: или царство земно или царство небесно. Бог не врши никаков притисок на тој избор, но секој си решава слободно. Кога браќата Марко и Маркелин биле осудени на смрт, паганскиот судија им оставил еден месец за размислување или да се одречат од Христа и неговото царство или да бидат погубени. Тогаш во затворот дошле нивните роднини со еден совет, а св. Севастијан со друг. Роднините плачеле и молеле да ја извршат волјата на судијата и да ја поштедат својата младост. Расплаканиот татко им ја покажувал својата обелена коса и својата болест; мајката ги заколнувала со млекото од своите гради со кое ги хранела; нивните деца плачеле околу нив. Сите тие во суштина им предлагале да се одречат од небесното царство заради земното царство. А св. Севастијан ги советувал спротивно на тоа, говорејќи: „О храбри Христови воини, зар заради ласкањето на своите роднини сакате да го изгубите вечниот венец... Зар сакате заради женските солзи да го пропуштите победоносното знаме?... Овој живот е минлив и толку непостојан и неверен што ни своите љубители не може никогаш да ги сочува, Што вреди овој живот, некој и сто години да живее? Кога ќе дојде последниот ден,

зар не изгледаат сите минати години и сите земни наслади како никогаш и да не биле. Навистина е неразумно да се плашите да го изгубите овој минлив живот кога ќе се прими оној вечниот, во кој насладите, богатствата и веселбите така започнуваат што никогаш не завршуваат и останувaат бесконечни во вечни векови. Сетете се на зборовите Господови: *И нейријайели на човека ќе бидай неговийе роднини* (Мт. 10:36). „Не ви се пријатели овие кои од Бога ве одделуваат“. Со овие и со многу други зборови св. Севастијан победил и светите маченици повеќе го засакале небесното царство отколку земното царство и радосно тргнале во смрт за Христа.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за целомудреноста на Јосиф (I Мој. 39), и тоа:

1. како страсната жена на Пентефриј го повлекла Јосифа на грев;
2. како Јосиф ја одбил од Божји страв и од почитување кон својот господар;
3. како жената го фатила за облеката, но тој ја оставил облеката и побегнал гол со својата света душа.

БЕСЕДА
за Рута

...Твојой народ ќе биде мој народ и йвојой Бог – мој Бог... само смрйша ќе ме раздели од йебе (Рут. 1:16–17).

Овие зборови се убави и кога ги кажува синот на таткото, и ќерката на мајката, и жената на мажот. Но тие трипати се поубави кога снаата ги кажува на својата свекрва. А нив ги изговорила блажената Рута Ноеминина, на својата натажена свекрва. Кога умреле двајцата синови на Ноемина во Моавската земја каде што живееле како дојденци, старата мајка намислила да се врати во Витлеем, во својата татковина и таму да ги остави своите коски. Па Ноемина, благородна во својата болка, ги советувала своите млади снаи да

останат во својата земја и да се премажат. Орфа останала, а Рута рекла: *Само смр̄ш̄та ќе ме раздели од ш̄ебе*. Еве прекрасен пример како свекрвата може нежно да ги сака своите снаи и како снаата може да биде со сето срце оддадена на својата свекрва. Но во Витлеем некој требало да го храни овие две души. Кој ќе ги храни? Бог и вредните раце на Рута. *Ќе ш̄рг̄нам ū̄о нивјеш̄о и ќе собирам класје*, ѝ рекла снаата на свекрвата. *Оди, ќерко*, ѝ одговорила Ноемина. Во туѓата нива, по туѓите жетвари, требало да собира класје. Тоа не е само труд, туку и срам. Но Рута ги примила на себе и трудот и срамот од љубов кон својата стара свекрва. Ги видел Бог, Кој сè гледа, овие две слатки души и се зарадувал. Се зарадувал нивниот Создател, ги наградил и ги прославил како што само Он знае да ги награди и да ги прослави оние кои се бојат од Него. И Бог наредил со Својата промисла, Рута да излезе на нивата на богатиот Воз за да собира класје. А Воз ја видел Рута и ја побарал за сопруга кај Ноемина. Од тој брак се родил Овид, таткото на Јесеј и дедо му на царот Давид. Рута се понижила дури до просјачка, а Бог ја направил родоначалничка на великиот цар, од кого произлегле многу цареви, па најпосле и самиот цар над царевите, нашиот Господ Исус Христос.

О Господи, Кој сè гледаш, благ Господи, колку си чуден во Твојата промисла за праведниот и за милостивиот. Исправи нè и нас и смилувај се на нас. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

19 ДЕКЕМВРИ

1. Св. мч. Бонифациј. Маченииштвото за Христа од грешникот прави светител. Тоа го покажува примерот на св. Бонифациј. Тој прво бил слуга кај некоја богата и расипана жена Аглаида во Рим и со неа имал нечисти и незаконски врски. И двајцата биле незнабожци. Еднаш Аглаида посакала да има во куќата маченички мошти, како некоја амајлија што чува од зло. Па го испратила својот слуга во Азија да ѝ најде и да и го купи тоа што го сакала. Бонифациј зел со себе неколку робови и многу пари, па при разделбата со Аглаида ѝ рекол: „Ако не можам да најдам никаков маченик и ако тебе, госпоѓо, ти го донесат моето тело измачено за Христа, дали ќе го примиш со чест?“ Аглаида се насмеала и

го нарекла пијаница и грешник. Така се разделиле. Кога дошол во градот Тарс, Бонифациј видел многу христијани на маки: на едни им биле отсечени нозете, на други рацете, на трети им биле избодени очите, четврти биле на бесилка итн. На Бонифациј му се променило срцето, се покајал за својот грешен живот и заплакал. Извикал пред христијанските маченици: „И јас сум христијанин!“ Судијата го зел на испитување, наредил, та страшно го камшикувале, па му истуриле врело олово во устата и, бидејќи тоа не го повредило, му ја исекле главата со меч. Робовите го зеле неговото тело и го однесле во Рим. Ангел Божји ѝ се јавил на Аглаида и ѝ рекол: „Прими го оној кој некогаш беше твој слуга, а сега е наш брат и сослужител; тој е чувар на твојата душа и заштитник на твојот живот“. Аглаида, ужасена излегла во пресрет, го примила телото на Бонифациј, му изградила црква и ги положила во неа моштите на маченикот. Потоа таа се покајала, го раздала сиот свој имот на бедните и се повлекла од светот. Поживеала уште 15 години во горко покајание. Св. Бонифациј пострадал во 290 година.

2. Св. Григориј (Григентиј) еп. Омиритски. Прво бил ѓакон во медиоланската црква и имал многу виденија. По Божја промисла, бил доведен во Александрија, каде што патријархот Протериј, според едно небесно откровение, го ракоположил за епископ на Омиритската земја, во Јужна Арабија, која св. цар Елезвој (види, 24 октомври) штотуку ја ослободил од тиранот Дунаан Евреинот. Бил добар пастир и голем чудотворец. Ја уредил Омиритската црква со помош на христољубивиот цар Аврамиј, подигнал многу храмови и крстил мноштво Евреи. Со молитвата правел многу големи и страшни чуда; со молитва дури ја предизвикал појавата на Христа Господа пред неверните Евреи, што било пресудно за крштавањето на Евреите. Управувал со црквата 30 години и мирно преминал во вечниот живот во 552 година.

3. Св. Бонифациј Милостив еп. Ферентиски. Од детството бил необично милостив, така што мајка му го укорувала за тоа. Но тој со помош на молитвата добивал од Господа стократно. Мирно завршил во Италија во VI век.

4. Преп. Илија Муромец. Киево–печерски монах. Завршил во 1188 година. Неговите неизгниени мошти биле чудотворни. На неговата десна рака и досега стојат трите први прсти, составени за молитва. Од тоа се гледа дека умрел на молитва. Со тоа ги изобличил оние кои не се крстат со три прсти.

РАСУДУВАЊЕ

Дали со верата може и планини да се преместуваат (Мт. 17:20)? Несомнено дека може; и уште повеќе се може: со верата и самиот Бог може да се поттикне на милосрдие кон нас грешните. Во омиритскиот град Афар повеќето од жителите биле Евреи. Св. Григориј се трудел да ги преведе во христијанството. Тогаш Евреите му предложиле на св. Григориј и на царот Аврамиј расправа за верата, со тоа што, ако тие бидат победени со непобитни докази, сите ќе преминат во Христовата вера. Неколку дена траела таа расправа во присуство на неколку илјади луѓе, Евреи и христијани. Кога Евреите виделе дека ќе бидат победени со непобитни причини и докази од Григориј, побарале Григориј на некој начин да им го покаже Христа жив, така што и тие да Го видат со сопствените очи, па потоа ќе веруваат. Имајќи голема слобода пред Господа заради чистотата на своето срце, св. Григориј клекнал кон исток пред сите и почнал да се моли на Бога. Кога ја завршил молитвата, земјата се затресла и гром удрил и на исток се отворило небото. Од исток се кренал еден облак светол со огнен пламен и со блескави зраци, па полека се спуштал кон земјата, кон она место каде што биле насобрани луѓето. На средината на облакот стоел човек со неискажана убавина, со лице со необичен сјај и со облека како од молња исткаена. Тој се движел врз облакот сè додека не дошол над самиот епископ Григориј. Сите Го виделе во слава и во неискажана убавина и од страв попаднале со лицето кон земјата. Григориј извикнал: *Еден е свет, еден е Господ, Исус Христос, во слава на Бога Отецот, Амин!* Тогаш се слушнал глас од славата Господова кон Евреите: *Заради молитвата на епископот ве исцелувам вас, Распнатиот од вашите татковци.* И светлиот облак полека си заминал како што дошол. Потоа Евреите сите се крстиле.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за смирението на Мојсеја пред Бога, и тоа:

1. како Мојсеј секогаш го истакнувал само Бог, а себе си никогаш;

2. како тој сета сила, сето добро, сета помош, ја очекувал само од Бога и од никого повеќе;

3. како тој во секоја работа смирено Му се обраќал на Бога за помош и водство.

БЕСЕДА
за Самоил

За ова дете се молев, и Господ ја исполни молбата моја, за која Му се молев и јас го предавам сега на Господа за сите денови на животот негов (I Цар. 1:27:28).

Од Бога испросен и на Бога посветен бил Самоил, пророкот и водачот на израилскиот народ. Блажена Ана, неговата бездетна мајка, со солзи и со жртви го испросила од Бога. И него, единецот, најголемото свое богатство, го предала од самото детство на служење на Господа. Мудрата мајка своите деца не ги смета за свои, туку за Божји. Божји се и кога Бог ги дава, Божји се и кога Бог ги зема, но најмногу се Божји кога самата мајка ги посветува на Бога. Божјиот дар Му се враќа на Бога како подарок. Зашто ние ништо немаме свое за да му дадеме на Бога, туку она што од Него го добиваме. И живеел малиот Самоил при храмот, помеѓу расипаните синови на архијерејот Илија и не се расипал. И Господ не сакал да им се јави на грешните старци, туку му се јавувал на ова чисто дете... Зашто Самоил ја исполнувал волјата Божја *и не остана ни еден Негов збор неисполнет* (3:19). И Самоил бил судија на израилскиот народ од младоста до староста и ништо не направил лошо, ниту на Бога, ниту на луѓето. Бог му дал моќ, та пророкувал и правел чуда; сите Божји и народни непријатели ги победил; двајца цареви помажал: Саул и Давид. А кога остарел, го повикал народот и го прашал дали некогаш на некого му извршил насилство или од некого зел мито? А народот едногласно одговорил: *Ти не си нè навредувал, ниту си нè измачувал и од никого ништо не си зел* (12:4). Ете, таков човек бил оној кој од Бога бил подарен и на Бога како подарок е возвратен, и кој растел со благослов Божји и благослов мај-

чински. Нека мајките се користат со примерот на блажена Ана; судиите и водачите да се користат со примерот на праведниот Самоил.

О Господи свет и пресвет, благ и преблаг, отвори ја нашата душа за да ја видиме светоста и благоста Твоја, за да се покаеме за своите лошотии. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

20 ДЕКЕМВРИ

1. Свешт. мч. Игнатиј Богоносец. Овој свет човек е наречен Богоносец затоа што постојано во своето срце и на јазикот го носел името на живиот Бог. А уште, според преданието, тој е наречен Богоносец и затоа што бил земен во рацете од Бога овоплотениот Исус Христос. Во оние денови кога Господ ги поучувал Своите ученици на смирение зел едно дете и ставајќи го помеѓу нив, им рекол: *Кој, пак, ќе се смири како ова дете, тој е поголем во царството небесно* (Мт. 18:4). Тоа дете бил Игнатиј. Подоцна Игнатиј бил ученик кај св. Јован Богослов заедно со Поликарп, епископот Смирнски. Како епископ во Антиохија, тој управувал со Божјата црква како добар пастир и прв го вовел антифонскиот начин на пеење во црквата, т.е. пеење на две певници, така што кога пеењето на едната страна ќе престанело, на другата започнувало. Таков начин на пеење му се открил на св. Игнатиј помеѓу ангелите на небесата. Кога царот Трајан поминувал низ Антиохија, одејќи во војна против Персијанците, дознал за Игнатиј, го повикал кај себе и почнал да го советува да принесе жртва на идолите, па потоа ќе му дадел чин сенатор. Откако биле залудни и советите и заплашувањата на царот, св. Игнатиј бил окован во железо и во придружба на десет немилосрдни војници бил испратен во Рим за да биде фрлен пред ѕверовите. Игнатиј се радувал на страдањето за својот Господ и само се молел на Бога ѕверовите да бидат гроб за неговото тело и никој да не го попречи во таа смрт. По долго и тешко патување од Азија преку Тракија, Македонија и Епир, Игнатиј пристигнал во Рим, каде што бил фрлен пред лавовите во циркусот. Лавовите го растргнале и го изеле, а оставиле само неколку поголеми коски и срцето. Овој славен љубител на Господа Христа пострадал во 106 година во Рим за време на христоборниот цар

Трајан. Се јавувал повеќе пати од оној свет и правел чуда, помагајќи му на секого сè до денес, на секого кој го повикува на помош.

2. Св. Данило архиеп. Српски. Син на богати и богољубиви родители. Во младоста бил добро воспитан. Кралот Милутин го зел во својот дворец, но тој, од голема љубов кон Бога, побегнал и се замонашил во Кончулскиот манастир, крај Ибар. Подоцна бил игумен на „Хилендар" и претрпел многу од бандите на латинските крстоносци. Бил епископ Бањски, потоа Хумски и најпосле архиепископ Српски. Од почетокот, па до крајот бил строг подвижник. Имал посебен дар на солзи. Ги помирил кралот Милутин со Стеван Дечански. Се борел храбро против Латините како и против богомилите. Под негов надзор се ѕидани манастирите „Бања" и „Дечани". Обновил и соѕидал многу цркви. Го напишал *Родословот* на српските кралеви и светители. Неуморен во службата на Бога до крајот на животот, тој мирно се упокоил во времето на царот Душан, во ноќта помеѓу 19 и 20 декември, 1338 година. Голем јерарх, голем подвижник, голем трудољубец и голем патриот.

РАСУДУВАЊЕ

Светите маченици биле обземени со љубовта Христова како со неугаслив пламен. Таа љубов им ги олеснувала страдањата и смртта им ја правела слатка. За св. Игнатиј св. Јован Златоуст вели: *Тој со таква леснотија го симна од себе телото како некој што ја симнува својата облека.* Патувајќи за Рим на смрт, Игнатиј само од едно се плашел, имено, некако христијаните да не го задржат од мачеништвото за Христа, дали со молитвите кон Бога или пак на некој надворешен начин. Затоа непрестајно ги молел и писмено и усно тоа да не го прават. *Опростете ми*, велел тој, *јас знам што ми е корисно. Дури сега почнувам да бидам ученик Христов кога не сакам ништо од видливото или од невидливото, единствено Христа да го достигнам. Нека дојдат врз мене сите ѓаволски мачења: оган, крст, ѕверови, сечење, гибање, кршење на коските, раздробување на целото тело – само да го добијам Исуса Христа. Подобро ми е да умрам за Христа отколку да царувам до краиштата на земјата... Мојата љубов е прикована за крстот и во мене нема оган на љубовта ни кон било која светска рабо-*

та. Кога бил воведен во циркусот, тој му се обратил на народот со зборовите: *Граѓани римски, знајте дека јас не сум казнет заради некој злостор, ниту сум осуден на смрт заради некое беззаконие, туку заради мојот Бог, со чија љубов сум обземен и кого ненаситно го сакам: јас сум Негова пченица и забите на ѕверовите ќе ме сомелат за да бидам Негов чист леб.* Кога бил изеден од ѕверовите, срцето му останало помеѓу коските, по Божјата промисла, и кога неверниците го расекле срцето на светителот, внатре во срцето го виделе напишано со златни букви името: *Исус Христос.*

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за храброста на Исус Навин, и тоа:

1. како Исус Навин ги вардел неотстапно сите Господови заповеди;
2. како со вера во Божјата помош храбро одел во сите борби против непријателот на својот народ;
3. како секаде победувал и сите победи на Бога му ги припишувал.

БЕСЕДА
за Давид

Тогаш Давид му рече на Натана: *„Згрешив пред Господа... Солзите ми беа леб дење и ноќе“* (II Цар. 12:13; Пс. 41:3).

Царот Давид му згрешил на Бога, се покајал и Бог му простил. Голем бил гревот на царот, но уште поголемо било покајанието. Му бил виновен на Бога за два тешки грева, за прељуба и за убиство, но кога Натан, пророкот Божји, го изобличил, тој болно извикнал: *Згрешив пред Господа!* Го исповедал својот грев и се покајал горко, многу горко. И смирено Му се молел на Бога, плачејќи, постејќи, лежејќи на земјата, и поднесувајќи смирено страшни удари што Бог му ги испратил нему и на неговиот дом и на неговиот народ заради неговиот грев. Во своите покајнички псалми тој вели: *Јас сум црв, а не човек* (Пс. 21:6). *Од гласот на моите*

воздишки коскиѿе ми се залеѿија за ѿелоѿо мое (Пс. 101:5). *Не сѿиев* (ст. 7) *Јадев ѿеѿел како леб и ѿијалакоѿ свој со солзи ѓо расѿворав* (ст. 9). *Нозеѿе мои снеможеа од ѿосѿ*. Еве вистинско покајание, еве вистински покајник! Ниту закоравел во гревот, ниту паднал во очајание. Туку надевајќи се на милоста Божја, тој непрестајно се каел. И Бог, Кој ги сака покајниците, се смилувал на овој примерен покајник. Бог му опростил и го прославил над сите цареви Израилеви, и му дал преголема благодат да ги пее најубавите покајнички молитви и да го прорече доаѓањето во светот на Спасителот на светот, и тоа од неговото колено. Гледате ли, браќа, колку е убава милоста Божја кон покајниците! Толку Му омилел на Бога овој покајан Давид што Бог не се срамел на себе да земе тело од неговото семе. Блазе на оние кои нема да закорават во гревот и на оние кои нема да паднат во очајание заради гревот. Покајанието спасува и од едното и од другото зло.

Господи милостив, омекни го нашето срце со покајнички солзи. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

21 ДЕКЕМВРИ

1. Св. мч-чка Јулијана и 630 маченици со неа. Оваа славна девица и маченичка била родена во Никомидија од незнабожни родители. Откако ја слушнала од некого евангелската проповед, таа со сето срце се обратила кон Христа и почнала да живее точно според Божјите заповеди. Некој сенатор Елевсиј бил нејзин свршеник. За да го одврати од себе, Јулијана му рекла дека нема за него да појде, ако тој не постане епарх на градот. Таа му го предложила тоа, мислејќи дека тој млад човек не може никогаш да достигне до таков висок положај. Но Елевсиј се потрудил, та со ласкање и со мито станал епарх Никомидиски. А Јулијана тогаш му открила дека таа е христијанка и дека не може со него да стапи во брак додека тој не ја прими нејзината вера, говорејќи: „Што ни вреди да бидеме телесно соединети а со духот разделени?“ Тогаш Елевсиј се огорчил и ја обвинил кај нејзиниот татко. Разлутениот татко ја искарал и ја претепал, па потоа ја предал на епархот на испитување. Епархот наредил, та ја тепале многу, па потоа сета во рани и во крв ја фрлиле во затвор. Но Господ ја исцелил во затворот и таа

се јавила пред епархот потполно здрава. Епархот ја врзал во разгорена печка, но огнот не ја изгорел. Кога го виделе тоа чудо, многумина поверувале во Христа Бога. Такви обратени биле 500 машки и 130 женски. Сите нив епархот ги осудил на смрт и наредил, та ги исекле со меч. Нивните души се преселиле во Рајот. Тогаш лошиот судија ја осудил света Јулијана на исекување со меч. Радосна со духот, Јулијана излегла на губилиштето, се помолила на Бога на колена и ја положила својата глава на дрвото. Главата ѝ била отсечена, а душата ѝ отишла во царството на Христовата вечна светлина, во 304 година. Елевсија набрзо го постигнала Божја казна. Пловејќи по морето, му се разбила лаѓата и тој паднал во водата. Но не нашол смрт во водата, туку испливал на некој остров каде што го растргнале кучиња и го изеле.

2. Св. Петар Чудотворец митр. руски. Роден во Волинската област и во 12. година го примил монашкиот чин. Бил прекрасен подвижник и иконописец. Основал манастир на реката Рата и бил игумен. Наспроти својата волја, бил поставен за митрополит Киевски и бил посветен во Цариград од патријархот Атанасиј. Како митрополит, тој многу трпел од завидливците и еретиците. Со црквата управувал 18 години како добар и ревносен пастир. За својот живот си изградил гробница во Успенскиот храм, каде што денес му почиваат светите и чудотворни мошти. Се упокоил во 1326 година и преминал во својата вистинска татковина.

3. Св. мч. Темистокле. Како овчар младиот Темистокле ги чувал овците во некое поле близу до градот Мир Ликиски. Во тоа време мачителите на христијаните го гонеле св. Диоскорд, па налетале на Темистокле во полето и го прашале дали го видел гонетиот и дали знае каде се крие. Темистокле, иако знаел, не сакал да покаже туку и себе се објавил како христијанин. Бил мачен и исечен во времето на Декиј, во 251 година.

РАСУДУВАЊЕ

Којшто се искачува кон царството Христово, мора да наидува на препреки. Тие препреки се многубројни и разни. Посебно се опасни демонските лукавства. Затоа секој ревнител за духовен живот мора да биде посебно внимателен и да не прифаќа секаква светла појава од оној свет како божествена појава. Дека и демонот може да се јави како ангел на

светлината тоа го докажува и животот на св. мч-чка Јулијана. Кога оваа света девица лежела во затворот, ѝ се јавил демонот во ангелска светлина и почнал да ја советува да им принесе жртва на идолите, та мачителот повеќе да не ја мачи. Исплашената Јулијана прашала: „Кој си ти?“ Ѓаволот одговорил: „Јас сум ангел Божји! Бог се грижи многу за тебе затоа и ме испрати со порака да му се покориш на епархот, та телото да не ти биде со маки сотрено; благ е Господ и ќе ти го опрости тоа заради немоќта на твоето рането тело“. Маченичката ја фатил ужас од тие зборови и се збунила, па припаднала со плач на молитва кон Бога да ѝ јави кој е тој што зборувал со неа. Тогаш ѝ дошол глас од небото: *Храбри се Јулијано, Јас сум со тебе, ти давам власт и сила над оној кој ти дошол, од него ќе дознаеш кој е тој.* И ѓаволот бил врзан и бил присилен да признае дека е тој што ја прелагал Ева во Рајот; оној кој го наговорил Каина да го убие Авела; и Ирод да ги погуби Витлеемските малденци; Евреите да го убијат со камења Стефана; и Нерон да го распне Петра надолу со главата, а Павле да го исече итн. И така, оваа света девица препашана со силата Божја не дозволила да се прелаже од лошиот дух, туку со својата внимателност и со топлата молитва кон Бога го победила.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Давидовото покајание, и тоа:

1. како царот Давид не погрешил додека бил пастир и потчинет граѓанин;
2. како згрешил пред Бога како цар;
3. како веднаш го увидел својот грев, го исповедал и горко се покајал.

БЕСЕДА
за пророк Илија

Жив Господ, Бог Израилев, пред Кого стојам! Во овие години нема да има ниту роса, ниту дожд, освен според мојот збор (III Цар. 17:1).

Страшно звучат овие зборови за секое смртно уво зашто ги изговорил човек *смртен како и ние* (Јак. 5:17). Вие се прашувате, браќа, како може смртен човек да го затвори небото и да го застане дождот? Но прашајте се како може смртен човек да го отвори небото и да издејствува дожд за суватa земја? А ние знаеме дека и сега, според молитвите на луѓето, Бог го отвора небото и дава дожд. *И сè што и да побарате во молитва со вера, ќе добиете* (Мт. 21:22). Како што Мојсеј според живата вера и молитвата правел страшни чуда во Египет во пустината, како што Исус Навин го запрел движењето на сонцето, така и пророкот Божји Илија го затворал и го отворал небото, издејствувал оган од небото и правел други моќни и страшни чуда сè со вера и со молитва. Бог му дал сила на Илија да прави такви чуда затоа што бил ревносен за Божјата слава, а не за својата. *Пламнав од ревност за Господа, Бога Саваот* (III Цар. 19:14). Ништо за себе не барал овој човек Божји, а сè за Бога. Бог нему му бил сè: сета слава, сета сила, сето богатство. Затоа Бог го овенчал со бесмртна слава, со страшна сила и со богатство што не гние и молци не го гризат. Затоа и Бог не допуштил Илија да умре, туку го зел на небото како и Енох. Свети Илија бил со чиста душа како утринска роса, со целомудрено тело како на дете, со непорочно срце и ум како на ангел Божји. Затоа бил и останал сад на силата Божја. Затоа правел чуда тогаш, а прави и денес.

О Жив Господи, Боже на Твојот пророк Илија, кој нас со крштавањето си нè посинил на Твојата света благодат, разгори ја и во нас верата и ревноста на Твојот свет пророк Илија. На тебе слава и вечна пофалба. Амин.

22 ДЕКЕМВРИ

1. Св. вмч–чка. Анастасија Узорешителница и други со неа. Оваа славна јунакиња на верата Христова се родила во Рим, во сенаторски и богат дом, од татко неверник и мајка христијанка. Од раната младост се прилепила кон љубовта Христова од некој благочестив учител Хрисогон. Присилена од таткото, Анастасија стапила во брак со некој незнабожечки властелин Публиј. Но наоѓајќи изговор во женска болест, таа не сакала никако со него да стапи во телесна врска. Заради тоа мажот тешко ја мачел со затвор и со глад. А уште повеќе ја мачел кога дознал дека таа тајно оди во затворот кај христијанските маченици, на кои им носи понади, им служи, им ги мие раните, им ги променува нивните алишта. Но по Божја промисла била ослободена од лошиот маж. Публиј бил испратен од царот во Персија, па патувајќи по морето, потонал. Тогаш св. Анастасија почнала слободно да им служи на мачените христијани и со своето големо наследство да ги теши сиромашните делејќи им милостина. Еднаш царот Диоклецијан бил во градот Аквилеј, па наредил да му го доведат исповедникот Христов Хрисогон. Него по патот го придружувала св. Анастасија. На свети Хрисогон по заповед на царот му била отсечена главата. Тогаш пострадале и трите сестри: Агапија, Хионија и Ирина (види, 16 април): првите две биле фрлени во оган, а третата била со стрела убиена. Нивните тела ги зела св. Анастасија, ги завиткала во бело платно, обложувајќи ги со многу мириси и чесно ги погребала. Потоа Анастасија отишла во Македонија, каде што им помагала на Христовите страдалници. Овде била познаена како христијанка заради што била фатена и водена на сослушување и на измачување кај разни судии. Сакајќи да умре за љубениот Христос, Анастасија непрестајно во своето срце повикувала кон Него. Некаков началник на жреците, Улпијан, сакал похотливо да се допре до телото на св. Анастасија, но одеднаш ослепел и починал. Осудена на смрт со глад, св. Анастасија прележала во затвор 30 дена без храна, хранејќи се единствено со солзите и со молитвата. Потоа била ставена во лаѓа со уште неколку христијани за да биде потопена, но Бог и од таа смрт ја сочувал. Најпосле била врзана над оган со рацете и со нозете за четири колци, и така ја предала својата света душа на Бога. Пострадала и се преселила во Христовото царство во 304 година.

2. Св. мч-чка Теодотија со трите деца. Останувајќи вдовица со три свои чеда, Теодотија целосно се предала на Божја служба и на воспитување на своите деца во благочестивата вера. Кај неа седела св. Анастасија кога била во Македонија и заедно со неа ги посетувала затворениците заради Христа по затворите. Кога била изведена на суд, Теодотија смело го исповедала Христа Господа. Тогаш била испратена кај антипатот Никитиј Витиниски. Кога еден бесрамен незнабожец сакал да се допре до нејзиното тело, наеднаш здогледал крај неа ангел Божји и бил удрен од ангелот. На смрт осудена и во вжарена печка фрлена заедно со трите свои деца, св. Теодотија чесно го завршила својот живот и преминала во царството на вечната слава.

РАСУДУВАЊЕ

Милостивиот Бог често им испраќа утеха на Своите угодници и угоднички на земјата преку Своите светители од оној свет. Пред св. Анастасија, за Христа пострадала св. Теодотија. Потоа Анастасија била фрлена во тесен и мрачен затвор за во него, по судот на мачителот, од глад да умре. За време од 30 дена во затворот секоја ноќ ѝ се јавувала св. Теодотија од оној свет и ја поткрепувала во нејзиното страдање. Бидејќи Анастасија доволно прашувала и доволно слушнала од Теодотија, една ноќ ја прашала како таа да ѝ дојде нејзе по смртта? Теодотија ѝ одговорила дека на мачеништите души им е дадена од Бога таа посебна благодат по разделбата со овој свет да можат да доаѓаат кај кого што сакаат, за давање на поука и утеха. Кога поминал и 30. ден, мачителот ја извадил Анастасија од затворот и се зачудил кога ја видел жива. Тогаш ја осудил, уште со неколкумина други, на потопување во морето. Војниците ги ставиле христијаните во едно мало бротче, а тие се возеле во друг, поголем. Па кога излегле на длабочина, тие го превртиле малото бротче за водата да навлезе во него и да ги потопи осудените. Тогаш се случила една чудна појава: имено, св. Теодотија се појавила на водата и го исправила бротчето кон брегот. И така сите осудени на смрт се спасиле со Анастасија. Кога го виделе ова Божјо чудо, 120 незнабожци веднаш поверувале во Христа и се крстиле.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за страдањето на Давида заради гревот, и тоа:

1. како настанала беда во домот на Давида: еден син станал против другиот, и братот против сестрата;

2. како Авесалом повел војна против својот татко Давид;

3. како целиот народ го снашло беда заради гревот на царот.

БЕСЕДА
за трпеливиот Јов

...Господ даде, Господ го зеде... Нека е благословено името Господово (Јов. 1:21).

Праведникот да не се плаши од ништо, браќа, сè ќе биде добро со него. Целото *Свето писмо* ни покажува дека Бог не го остава праведникот до крајот. Примерот на Јов ни го покажува тоа јасно како сонце. Јов имал седум синови и три ќерки, имал богатство и почитување меѓу луѓето и пријателите. И сето тоа тој го изгубил за еден ден. Тој не Му се развикал на Бога, „туку паднал на земјата, се поклонил и рекол: *Гол излегов од утробата на мајка ми, гол и ќе се вратам*". Тогаш Јов го изгубил и здравјето, последното што го имал, а целото тело, од темето до петиците, рани и гној му го покриле. И седел Јов на буништето и испраќал пофалби кон Бога. Жена му го наговарала да се одрече од својот Бог. Праведниот Јов ѝ рекол: *Зар доброто го примаме од Бога, а злото да не го поднесуваме?* (2:10) Пријателите го укорувале дека е грешен и се гордееле со својот ум и праведноста пред него, но Јов смирено Му се молел на Бога и трпеливо ги поднесувал своите рани и својата несреќа. И денес така се случува како и тогаш: кога ќе нè снајде некоја беда, нашите соседи се прават попаметни и поправедни од нас. Но Семудриот Бог ги пуштил сите овие беди на Јов да го искуша не само Јов, својот слуга, туку и роднините и пријателите негови. Па кога секој се покажал каков што е, кога секој положил испит пред Бога тогаш сесилниот Бог со десницата Своја му го повратил на Јов и здравјето и двојно богатство

отколку што му зел и повторно му дал седум синови и три ќерки.

Кој има силна вера, браќа, тој има јасен духовен поглед за да може да го види Божјиот прст и во своето уживање и во своето страдање. Кој има силна вера, има и голема трпеливост во страданието. Кога Бог му дава, тој Му благодари, кога Бог му зема, тој благословува: *Нека е благословено името Господово.*

Господи Боже на многустрадалниот и трпеливиот Јов, научи нѐ да Го благословуваме Твоето име во нашето страдање. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

23 ДЕКЕМВРИ

1. Св. десет маченици на Крит. Пострадале за Христа Господа во времето на гонењето на Декиј во 250 година. Нивните имиња се: Теодул, Сатурнин, Евпор, Геласиј, Евникијан, Зотик, Помпиј, Авгатопус, Василил и Еварест. Сите биле угледни и чесни граѓани, најдобри помеѓу најдобрите. Кога ги извеле на губилиштето, тие биле многу радосни и се расправале кој од нив прв ќе биде погубен зашто секој сакал прв да појде кон љубениот Христос. Потоа се помолиле: „Опрости им, Господи, на Твоите слуги и прими ја нашата излиена крв за нас, за нашите роднини и пријателите, и за сета татковина, сите да се ослободат од темнината на незнаењето и Тебе да Те познаат, вистинската светлина, о Цару вечен!“ Биле убиени и во царството на славата преминале да се радуваат вечно.

2. Св. Нифонт Чудотворец. Роден во Пафлагонија, воспитан во Цариград на дворот од некој војвода. Кога западнал во лошо друштво, младиот Нифонт се расипал и се предал на многу гревови и пороци. Заради гревовите, не можел ни на Бога да се моли. Со милост на св. Богородица, бил вратен на патот на правдата и бил замонашен. Имал безбројни виденија на небесниот свет. Четири години водел тешка борба со демонот кој непрестајно му шепотел: „Нема Бог! Нема Бог!“ Но кога му се јавил самиот Господ Исус како жив на иконата, Нифонт се здобил со голема сила над лошите духови и се ослободил од тешките искушенија. Тој имал посебна дарба што ги гледал ангелите и демоните околу луѓето исто како луѓе и ги знаел мислите на луѓето. Со

ангелите често разговарал, со демоните се препирал. Соѕидал црква на Пресвета Богородица во Цариград, собрал монаси и спасувал многу. Александрискиот архиепископ Александар, по откровението од небото, го посветил за епископ на градот Констанциј на Кипар. Во тоа време веќе св. Нифонт бил стар и, управувајќи добро со црквата Божја, по некое време се преселил во царството Христово. Пред смртта го посетил св. Атанасиј Велики, архиѓаконот на Александриската црква и по смртта му го видел лицето пресветло како сонце.

3. Преп. Наум Охридски Чудотворец. Ученик на св. Кирил и на св. Методиј и еден од Петточислениците кои најревносно соработувале со тие словенски рамноапостоли. Св. Наум патувал во Рим. Таму се прославил со чудотворната сила, како и со големата ученост. Бил познавач на многу јазици. По враќањето од Рим, тие се населиле, со помош на царот Борис Михаил, на бреговите на Охридското Езеро. Св. Климент делувал како епископ во Охрид, а св. Наум на јужниот брег на езерото основал манастир, кој и ден–денес го украсува тој брег како што името на св. Наум ја украсува историјата на словенското христијанство – кој низ вековите бил извор на чудотворна сила и прибежиште на болните и страдалниците. Околу св. Наум се собрале мноштво монаси од секаде на Балканот. Св. Наум бил мудар учител, единствен раководител на монасите, решителен подвижник, чудотворен молитвеник и духовник. Неуморниот работник св. Наум посебно се трудел на преведувањето на ***Свешошо йисмо*** и на останатите црковни книги од грчки на словенски јазик. Правел чуда и за животот и по смртта. Неговите чудотворни мошти и денес зачудуваат со многубројните чуда, посебно со исцелувања од тешки болести, а посебно лудило. Се упокоил во првата половина на X век и се преселил во радоста на љубениот Христос.[26])

---

[26]) Во грчкиот *Синаксар* св. Климент и св. Наум се нарекуваат нов Мојсеј и Арон и за нив се раскажува ова чудо: еретиците во Германија ги оковале и ги фрлиле во затвор. Но со силата Божја затворот се затресол, оковите од нив испаднале, вратата на затворот се отворила и тие слободно си излегле.

РАСУДУВАЊЕ

Живеејќи уште во телото, светителите имале големи откровенија од Бога и визии за небесните и за пеколните сили. Сите тие нивни откровенија и визии ја потврдуваат православната вера во сите нејзини учења. Светителите се радост, голема радост на верниците. Св. Нифонт ја видел жива Богородица и жив Господ Исус во славата; гледал како излегуваат душите од човечките тела и ангели чувари на поедини луѓе! Најаве разговарал со ангелите и се расправал со демоните. Црквата поучува дека искреното покајание на грешникот, макар и во последниот час, ја спасува душата на покајникот. Свети Нифонт ја видел душата на еден таков грешник, покајан во последниот час, видел како ангелите ја одбраниле од нападните демони и ја вознесле во Рајот. Црквата учи дека самоубиството е смртен грев. Св. Нифонт ја видел душата на еден самоубиец како ѓаволите ја влечат во адот. Ангелот чувар на таа душа одел и горко плачел. А таа душа била на некој слуга кој извршил самоубиство затоа што неговиот господар бил немилостив и тој не сакал да истрае до крај за да биде спасен.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за Божјата награда на покајаниот Давид, и тоа:

1. како Бог го прославил покајаниот Давид и му дал дар на Својот Свет Дух да го состави прекрасниот ***Псалт̄ир***;

2. како Бог го направил покајаниот Давид родоначалник на многу цареви и видовити праведници;

3. како Бог го направил родоначалник по тело и на самиот Господ Исус Христос.

БЕСЕДА
за пророк Данил

...А каменот што го разби идолот стана голема планина и ја исполни целата земја (Дан. 2:35).

Страдањето, браќа, го ослабува карактерот на човекот, а раскошот, пак, го ослабува уште повеќе. Данил, човекот Божји, не може да го ослаби ни страдањето ни раскошот. Тој останал ист и во двата случаји; и во двата случаји тој подеднакво бил весник на живиот и единствениот Бог и бил видовит откривач на Тајните Божји. Живеел во царска раскош, а потоа во лавовска јама. И во двата случаи тој останал непроменет: во царската раскош тој постел, а во лавовската јама не останал гладен. Севишниот Бог го наградил Својот верен слуга со голем, преголем дар на пророштво. Главен предмет на неговите прорекувања е Христос Господ. Христос ќе дојде и ќе го разурне идолопоклонството по целата земја. Он со Себе ќе ја исполни сета земја како никогаш никој од сите луѓе, облечени во тело. Он е тој на кого ќе му се даде власт и слава, и царство за да Му служат сите народи и племиња и јазици. Големиот Божји пророк Данил го прорекол времето, точното време на доаѓањето во светот на Господа Исуса.

Колку мораме ние христијаните да се срамиме од овој Данил! Ние ги гледаме сите ветувања исполнети во Христа, па сепак сме слаби во верата и во христољубието. А на Данил не му било сè откриено како на нас крстените, па сепак тој не отстапил од Бога ниеднаш. Господи Боже Данилов, поткрепи нè, покај нè и помилувај нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

24 ДЕКЕМВРИ

1. Преп. мч-чка Евгенија и други со неа. Ќерка на Филип, епарх на цел Египет. Родена во Рим. Во тоа време христијаните биле изгонети од Александрија и живееле надвор од градот. Девицата Евгенија ги посетувала христијаните и од сè срце ја примила нивната вера. Побегнала од своите родители со нејзините двајца верни евнуси, се крстила од

епископот Елиј и преоблечена во машки алишта стапила во машки манастир, каде што примила монашки чин. Толку го очистила своето срце со доброволен подвиг што примила од Бога благодат да исцелува болни. Така, исцелила некоја богата жена Мелантија. Но после тоа, оваа жена сакала да ја навлече Евгенија на телесен грев, не сомневајќи се дека Евгенија е женско. Кога била решително одбиена од страна на Евгенија, таа лоша жена за одмазда отишла кај епархот и ја наклеветила Евгенија исто онака како некогаш жената на Пентефриј, целомудрениот Јосиф. Епархот наредил, та сите монаси ги изведе на суд и заедно со Евгенија во затвор ги затвориле. Но кога Евгенија била изведена на суд, му се покажала на својот татко како негова ќерка. Израдуваниот Филип тогаш се крстил со целиот свој дом. И Филип бил избран за епископ Александриски. Кога за тоа слушнал римскиот цар, го испратил лошиот војвода Теренциј, кој откако дошол во Александрија, тајно го убил Филипа. Тогаш св. Евгенија се преселила во Рим со својата мајка и со своите браќа. Во Рим бестрашно и ревносно ги преведувала незнабожците во верата вистинска, посебно девојките. Така, во верата превела некоја прекрасна девојка Василија. Наскоро Василија била исечена за Христа како што ѝ претскажала Евгенија. Тогаш биле исечени и двајцата евнуси, Прот и Јакинт. Најпосле, дошол маченичкиот крај на св. Евгенија. Од нејзината близина паднал храмот Дијанин и се разурнал. Мачителите прво ја фрлиле во вода, потоа во оган, но Бог ја спасил. Самиот Господ Исус ѝ се јавил во затворот и ѝ рекол дека таа ќа пострада на денот на Неговото Рождество. Така и се случило. Со меч ја исекле на 25 декември 262 година во Рим. По смртта, Евгенија ѝ се јавила на својата мајка во голема слава и ја утешила.

2. Преп. Никола војвода. Некои мислат дека овој голем светител бил по потекло балкански Словен. Во времето на царот Никифор, Никола бил војвода и заповедал над еден дел од војската, која тргнала во војна против Бугарите. По патот Никола застанал во некоја меана во која што имал едно големо искушение и еден чуден сон. Тој сон целосно му се остварил во борбата во која Грците биле страшно победени од Бугарите во 811 година. Никола се спасил, но од благодарност кон Божјата промисла, тој го напуштил својот војнички чин и се замонашил. Долго се подвизувал и со подвигот толку се усовршил што постанал голем претскажу-

вач и угодник Божји. Мирно завршил во IX век и се преселил во блаженото царство на Христа Господа.[27])

РАСУДУВАЊЕ

Победата над искушенијата е победа над смртта. Тоа го докажува еден чуден случај на св. Никола војвода. Кога овој војвода одел во војската на царот Никифор против Бугарите, му се случило да преноќи во една меана на патот. Меанџијата имал ќерка, девојка, која, занесена со надворешната убавина на царскиот војвода, почнала да го наговара на грев. Никола еднаш ја одбил, говорејќи ѝ дека тоа дело на кое таа го повикува е ѓаволско. Но бесрамната девојка дошла и втор пат и трет пат во собата на војводата и го повикувала на нечистото дело. Војводата ја одбил и по втор и по трет пат, уште построго, советувајќи ја да си го чува девството свое и да не го предава своето тело и својата душа на ѓаволот. Уште, на крајот, ѝ рекол дека е тој војник и дека оди во војна, па и недостојно и опасно е за војникот да се валка со такво недело со кое ќе Го разгневи Бога и него во сигурна смрт ќе го одведе. И така, овој богољубив човек го победил искушението. Утредента тој продолжил со војската понатаму. Одејќи ноќе, видел ваква визија: како тој стои на некое широко поле и близу до себе видел еден силен човек како седи со скрстени нозе, десната преку левата. Пред него во полето стоеле две војски една спроти друга, грчката и бугарската. Оној силен човек му рекол добро да внимава што ќе се случи сега. Никола гледал и го видел следното: додека тој силен човек ја држел десната нога преку левата, дотогаш грчката војска ја победувала бугарската војска, а кога тој го променил ставот и ја префрлил левата нога преку десната, тогаш Бугарите навалиле и страш-

---

[27]) Уште во грчкиот *Синаксар* се споменува преп. Антиох, монах палестински. Тој бил очевидец на страданијата на преп. отци Саваитски (види, 16 мај) и како очевидец го опишал нивното страдање од Сараџените. Уште ја составил книгата *Пандекш*. Напишал многу молитви, од кои посебно е славна таа што се чита секојдневно на Повечерието: „Кога одиме на спиење, Владико, дај ни одмор на телото и на душата...“ Уште се споменува св. новомач. Ахмед. Турчин по род и ѕидар по занимање. Примил Христова вера и за неа го положил својот живот. Пострадал од Турците во Цариград во 1682 година.

но ги побиле Грците. Тогаш тој силен човек го привел војводата поблиску до искланата грчка војска. Целото поле било покриено со тела и тоа сè труп до труп. Само во средината на тие тела имало едно празно место колку за едно човечко тело. Тогаш тој човек му рекол на Никола: „Тоа место беше одредено за твоето тело, но бидејќи ти минатата ноќ трипати го победи ѓаволското искушение, си ги спаси од смрт и своето тело и душата". Тоа што го видел Никола во ноќната визија, го видел точно така и најаве за време на борбата. Целата грчка војска изгинала на бојното поле, а тој се вратил дома жив, но не повеќе во касарната, туку во манастир.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за соборот (ликот) на праотците, пророците и праведниците на небесата, и тоа:

1. како тие пред Христа го исполниле законот Божји;
2. како тие Го прорекле Христа, било со збор или со слика во својот живот;
3. како сега ликуваат во царството Христово.

БЕСЕДА
за праведниот Јосиф

> *А Јосиф, нејзиниот маж, бидејќи праведен... направи така како што му беше заповедал ангелот Господов* (Мт. 1:19, 24).

Потребно е да се плашиме од Бога повеќе отколку од луѓето и треба да го слушаме Бога повеќе отколку луѓето. Тоа е пример од животот на праведниот Јосиф, роднината и заштитникот на Света Дева Марија. Тој живеел на пресвртот помеѓу законот и благодатта и бил верен на законот додека не се јавила благодатта, а кога се јавила новата Божја благодат, тој постанал верен на благодатта. Послушен на словото на законот, тој сакал да ја истера Света Дева, но кога ангелот Божји му јавил дека Марија зачнала *од Светиот Дух,* тој се откажал од својата намера и не ја истерал, туку *направил како што му беше заповедал ангелот Господов*. Тој не расудувал ништо самиот од себе, туку ја слушал вол-

јата Божја. Затоа Господ го удостоил со голема слава и на земјата и на небото. Тивко и тајно тој Му послужил на Бога, а Бог го прославил јавно. И не само што тој се удостоил за Божјо царство, туку и неговите синови и неговите ќерки. Кој татко би сакал нешто повеќе од тоа – синот да му биде апостол Христов? А Јосиф имал двајца синови апостоли. Така Бог ги прославува оние кои се бојат од Него и Него го слушаат.

О Господи велик, Боже на праведниот Јосиф, помогни ни нам на грешниците да ја љубиме Твојата правда и на Тебе единствениот да ти се плашиме. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

25 ДЕКЕМВРИ

Рождество на Господа и Бога и Спасителот наш Исус Христос. *Но кога се исполни времето, Бог Го испрати Својот Син, Кој се роди од жена и се потчини на законот* (Гал. 4:4) за да го спаси човечкиот род. И кога минале девет месеци од благата вест што ѝ ја јавил архангелот Гаврил на Пресветата Дева во Назарет, велејќи: *Радувај се благодатна... еве ќе зачнеш и ќе родиш син*, во тоа време излегла од кесарот Август заповед да се изврши попис на сиот народ во Римското Царство. Според таа заповед секој требало да си појде во својот град и таму да се запише. Затоа праведниот Јосиф дошол со Пресвета Дева во Витлеем, градот Давидов, бидејќи биле и двајцата од царското колено на Давида. Бидејќи во тој мал град се насобрало многу народ заради пописот, Јосиф и Марија не можеле во ниедна куќа да најдат конак, заради што се засолнале во една овчарска пештера, во која што пастирите ги затворале своите овци. Во таа пештера, во ноќта помеѓу саботата и неделата, на 25 декември, Пресвета Дева Го родила Спасителот на светот, Господа Исус Христос. И откако го родила безболно, како што и го зачнала безгрешно, од Светиот Дух, а не од човек, таа самата го повила во ленени пелени, Му се поклонила како на Бог и Го положила во јаслите. Потоа пришол и праведниот Јосиф, и тој Му се поклонил како на Божествен плод од девојчинска утроба. Тогаш дошле и пастирите од полето, упатени од ангелот Божји и Му се поклониле како на Месија и на Спасител. И пастирите слушнале многу

ангели Божји каде што пеат: *Слава на Бога во височините, а на земјата мир и меѓу луѓето добра волја* (Лк. 2). Во тоа време стигнале и тројцата мудреци од Исток, водени од чудната ѕвезда, со свои дарови: злато, ливан и смирна, и Му се поклониле како на Цар над царевите и Го дарувале со своите дарови (Мт. 2). Така дошол на светот Оној чиешто доаѓање било проречено од пророците, се родил онака како што било проречено: од Пречиста Дева, во градот Витлеем, од коленото Давидово по тело, во времето кога повеќе во Ерусалим немало цар од родот Јудин, туку царувал Ирод, туѓинец. После многу Свои праобрази и ветувања, пратеници и весници, пророци и праведници, мудреци и цареви, најпосле се појавил Он, Господарот на светот и Царот над царевите да го изврши делото на спасението на луѓето што не можеле да го извршат неговите слуги. Нему нека Му е вечна славата и пофалбата. Амин.

РАСУДУВАЊЕ

На Господа Исуса Христа, роден во Витлеем, прво Му се поклониле пастирите и мудреците (ѕвездарите) од Исток, значи, најпростите и најмудрите на овој свет. И ден–денешен најискрено Му се поклонуваат на Господа Исуса Бога и Спасителот најпростите и најмудрите на овој свет. Расипаната простотија и полуучената мудрост отсекогаш биле непријатели на Христовото Божество и на Неговото *Евангелие*. Но кои биле овие мудреци од Исток? Ова прашање посебно го проучувал св. Димитриј Ростовски. Тој тврди дека тие биле цареви на некои помали области или на поедини градови во Персија, Арабија и Египет. Во исто време тие биле големи познавачи на астрономијата (ѕвездарството). Ним им се јавила онаа чудна ѕвезда што го навестувала раѓањето на Новиот Цар. Според св. Димитриј, таа ѕвезда им се јавила на нив, девет месеци пред раѓањето на Господа Исуса, т.е. во времето на зачнувањето на Пресвета Богородица. Тоа време од девет месеци тие го поминале во проучување на таа ѕвезда, во подготовки за патот и во патување. Пристигнале во Витлеем, наскоро по раѓањето на Спасителот на светот. Едниот од нив се викал Мелхиор. Тој бил стар, обелен, со долга бела коса и брада. Тој на Господа за дар му принесол злато. Вториот се викал Гаспар, со црвено лице, млад и без брада. Тој на Господа за дар му прине-

сол ливан. Третиот се викал Валтазар, црн во лицето и многу брадест. Тој на Господа му подарил смирна. Нивните тела по нивната смрт биле пренесени во Цариград, од Цариград во Милано, а од Милано во Келн. Уште може да се додаде дека овие тројца мудреци биле претставници на трите главни човечки раси, кои произлегле од Ноевите синови: Сим, Хам и Јафет. Персијанецот ги претставувал Јафетите, Арабјанинот Семитите, а Египќанецот Хамитите. Така, може да се рече преку нив тројцата целиот човечки род Му се поклонил на овоплотениот Господ, нашиот Бог.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за убавината на душата на Пресвета Богородица, и тоа:

1. како нејзината душа била светла и непорочна;
2. како нејзината душа била исполнета со мир од вера и од надеж во Бога;
3. како нејзината душа била исполнета со благопријатен мирис од молитвите.

БЕСЕДА
за раѓањето на Господа Синот Божји

Излегов од Отецот и дојдов во светот (Јн. 16:28).

Единородниот Син Божји, браќа, е роден во вечноста од Отецот без мајка, се родил во времето од мајка без татко. Првото раѓање е недостапна тајна на Светата Троица во вечноста, а второто раѓање е недостижна тајна на силата и на Божјото човекољубие во времето. Најголемата тајна во времето одговара на најголемата тајна во вечноста. Не влегувајќи со мала свеќа на нашиот разум во оваа најголема тајна, да се задоволиме, браќа, со сознанието дека нашето спасение потекнува не од човекок и не од земјата, туку од највозвишените височини на божествениот невидлив свет. Толкава е милоста Божја и толкаво е човечкото достоинство, што самиот Бог Син се спуштил од вечноста во времето, од небото на земјата, од престолот на славата во пештерата на пастирите, само да ги спаси луѓето, од гревот да ги

очисти и во Рајот да ги поврати. *Излегов од отецот*, каде што имав сè, и дојдов на светот, кој не можеше ништо да ми даде. Во пештерата се родил Господ за да покаже дека целиот свет е една темна пештера што само единствено Он може да ја осветли. Во Витлеем се родил Господ, а Витлеем значи *дом на лебот*, за да покаже дека Он е единствениот леб на животот, достоен за вистинските луѓе.

О Господи Исусе, превечен Сине на Живиот Бог, и Сине на Дева Марија, осветли нè нас и нахрани нè со Тебе. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

26 ДЕКЕМВРИ

1. Собор на Пресвета Богородица. На вториот ден Божик христијанската Црква ѝ оддава слава и пофалба на Пресвета Богородица, која Го родила Господа и Спасителот наш Исус Христос. Нејзин Собор се нарекува ова празнување затоа што на тој ден се собираат верниците за да ја прослават неа, Мајката Богородица и многу свечено и соборно ѝ се служи во нејзина чест. Во Охрид од старини имало обичај во пресрет на вториот ден на Божик вечерна да се служи само во црквата „Св. Богородица“ наречена „Челница“. Свештенството со народот овде соборно ја прославувало Пречистата Богородица.

2. Спомен на бегањето во Египет. Источните мудреци–ѕвездарите се поклониле на Господа во Витлеем и се упатиле, по наредба на ангелот, по друг пат за својата татковина. А Ирод, лошиот цар, намислил да ги исколи сите деца во Витлеем. Бог ја видел таа Иродова намера, па му испратил Свој ангел на Јосиф. Ангелот Божји му се јавил на Јосифа на сон и му заповедал да Го земе Младенецот и Неговата Мајка и да бегаат во Египет. Јосиф така постапил. Кога Го зел божествениот Младенец и Неговата Мајка Пресветата, *тој се упатил право во Назарет* (Лк. 2:39), каде што ги средил своите домашни работи и со себе го зел својот син Јаков, па потоа отишле во Египет (Мт. 2:14). И така, се исполниле пророчките зборови: *Ете, Господ ќе седне на лесен облак и ќе дојде во Египет* (Иса. 19:1). Во старо Каиро и денес ја покажуваат пештерата во која што живеело светото семејство, а во селото Матареа, близу до Каиро, покажуваат едно дрво под кое се одморале Пресвета Богородица со

Господа Исуса како и чудотворниот извор на вода под тоа дрво. Откако проживеале неколку години во Египет, светото семејство се вратило, по наредба на ангелот Божји, пак во Палестина. Така се исполнило друго пророштво: *Од Египет Го повикав синот Свој* (Ос. 11:1). Ирод бил умрен, а на неговиот крвав престол седнал достојниот во зло, неговиот син Архелај. Кога слушнал Јосиф дека Архелај царува во Ерусалим, тој се упатил во Галилеја, во својот град Назарет, каде што се населил во својот дом. Со Галилеја тогаш управувал вториот син на Ирода, Ирод Помладиот, кој бил малку поблаг во злото од својот брат Архелај.

3. Преп. Еварест. Читајќи ги делата на св. Ефрем Сирин, од дипломат станал монах. Бил многу суров кон себе: носел синџири на телото и јадел сув леб еднаш во неделата. Проживеал 75 години и се преселил кај Господа околу 825 година.

4. Св. Евтимиј Исповедник еп. Сардиски. Присуствувал на VII вселенски собор. Околу 30 години поминал во прогонство заради иконопочитувањето. За време на царот Теофил иконоборецот, бил камшикуван со воловски жили при што маченички завршил во 84 година и примил венец на слава на небото.

5. Преп. Константин Синадски. Како Евреин се обратил во христијанството. При крштавањето си ставил крст на главата и му останал на главата чудотворен печат од крстот до смртта. Завршил во Цариград во VII век. Бил славен заради испосништвото и многуте чуда. Седум години порано си ја прорекол својата смрт.

РАСУДУВАЊЕ

Приказна за божествениот Младенец Христос. Кога божјото семејство бегало пред мечот на Ирода за Египет, пред нив излегле разбојници на патот со намера нешто да им украдат. Праведниот Јосиф водел едно магаре, на кое имало некои работи и на кое Пресвета Богородица со својот Син на градите овде–онде го јавала. Разбојниците го фатиле магарето да го одведат. Тогаш еден од нив се приближил до Богомајката да види што држи таа на градите. Кога го видел Детето Христос, разбојникот се зачудил на необичната Негова убавина, па со чудење рекол: „Кога Бог би зел на себе човечко тело, нема да биде поубав од ова дете!“ И тој раз-

бојник им наредил на своите останати другари ништо да не земаат од овие патници. Исполнета со благодарност кон вака великодушен разбојник, Пресвета Дева му рекла: *Знај дека ова Дете ќе те награди со добра награда затоа што денеска си го сочувал.* По триесет и три години, тој ист разбојник за своите злосторства висел распнат на крстот од десната страна на Христовиот Крст. Неговото име е Диомаз, додека името на другиот разбојник било Гестас. Гледајќи во невино распнатиот Христа Господа, Дисмаз се покајал за сите свои зла во својот живот, па додека Гестас му хулел на Господа, Дисмаз Го бранел говорејќи: *Он ништо лошо не направил.* Дисмаз е тој благоразумен разбојник на кого Господ му рекол: *Денес ќе бидеш со Мене во Рајот* (Лк. 23: 41–43). И така, Господ му дарувал Рај на оној кој Него во детството го поштедил.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за чистотата на Пресвета Богородица, и тоа:

1. за непорочната чистота на нејзиното тело, бестрасна и испостена;
2. за непорочната чистота на нејзиното срце во кое никогаш не се вселила грешна желба:
3. за непорочната чистота на нејзиниот ум во кој никогаш не се вселила грешна помисла.

БЕСЕДА
за Пресветата Дева Богородица

Марија, пак, рече: „Еве ја слугинката Господова“ (Лк. 1:38).

Навистина, браќа, еве ја вистинската слугинка Господова! Ако е слугинка онаа која својата волја ја заменила потполно со волјата на својот господар, тогаш Пресвета Дева е прва помеѓу сите Господови слугинки. Ако е слугинка онаа која со напрегнато и сецело внимание го гледа својот господар, тогаш Пресвета Дева пак е првата помеѓу слугинките Господови. Или, ако е слугинка онаа која кротко и молчаливо ги поднесува сите навреди и тешкотии, очекувај-

ќи само награда од својот господар, тогаш пак е Пресвета Дева, првата и најдобрата од сите, слугинка Господова. Нејзе не ѝ дошло до тоа да му угоди на светот, туку на Бога; ниту ѝ било до тоа да се оправда пред светот, туку само пред Бога. Каква послушност, каква внимателност, каква кроткост. Пресвета Дева со право можела да му рече на ангелот Божји: *Еве ја слугинката Господова*! Најголемото совршенство и најголемата чест што може жената до го достигне на земјата е да биде слугинка на Господа. Тоа совршенство и таа чест Ева во Рајот без труд ги изгубила, а тоа совршенство и таа чест Дева Марија со труд, надвор од Рајот, ги добила.

По молитвите на Пресвета Дева Богородица, Господи Исусе, помилуј нè. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

27 ДЕКЕМВРИ

1. Св. првомаченик Стефан архиѓакон. Роднина на апостолот Павле и Евреин од оние Евреи кои живееле по елинските области. Стефан бил прв од седумте ѓакони кои светите апостоли ги ракоположиле и ги поставиле на служба, за помагање на сиромашните во Ерусалим. Затоа и бил наречен архиѓакон. Со силата на својата вера, Стефан правел големи чуда помеѓу луѓето. Лошите Евреи се расправале со него, но секогаш биле победувани со неговата мудрост и со силата на Духот, кој преку него дејствувал. Тогаш посрамените Евреи, навикнати на клевети и лаги, го подбуцнале народот и народните старешини против невиниот Стефан, клеветејќи го дека му хулел на Бога и на Мојсеја. Брзо пронашле лажни сведоци кои го потврдиле тоа. Тогаш Стефан застанал пред народот и сите го виделе неговото лице *како лице на ангел*, т.е. лицето му било озарено со благодатна светлина како некогаш Мојсеј кога со Бога разговарал. И Стефан ја отворил својата уста и наброил многу добри дела и Божји чуда, што Бог ги направил во минатото на израилскиот народ како и многуте зла и противења на Бога од страна на тој народ. Посебно ги изобличил заради убиството на Христа Господа, нарекувајќи ги *предавници и крвници*. И додека тие крцкале со забите, Стефан погледнал и го видел небото отворено и славата Божја. И тоа што го видел,

тој им го објавил на Евреите: *Еве, ги гледам небесата отворени и Синот Човечки како стои од десната страна на Бога* (Д.а., 7:56). Тогаш пакосниците го извеле надвор од градот и го убиле со камења. Помеѓу неговите мачители бил и неговиот роднина Савле, подоцна апостол Павле. Во тоа време, во далечина, на некој камен стоела Пресвета Богородица со св. Јован Богослов и го гледала маченииштвото на овој прв маченик за вистината на нејзиниот Син и Бог, молејќи се на Бога за Стефана. Тоа се случило една година по слегувањето на Св. Дух на апостолите. Телото на св. Стефан тајно го зел и на својот имот го погребал Гамалил, кнез еврејски и таен христијанин. Така, славно завршил овој првенец меѓу мачениците христијански и се преселил во царството на Христа Бога.

2. Преп. мч-ци Теодор и Теофан Нацртани. Родени браќа, родум од Палестина, многу образовани во светската и во духовната мудрост. Монаси во манастирот на св. Сава Освештен, потоа и презвитери. Многу страдале за иконите во времето на царевите: Лав Ерменец, Михаил Валвос и Теофил. Безумниот Теофил со свои раце ги тепал и наредил со железо да им нацртаат на лицата потсмешливи стихови заради што се и наречени „Нацртани“. Биле фрлени во затвор во градот Апамиј Витиниски. Теодор овде завршил во маки и во рани. Теофан бил ослободен во времето на Теодор и на Михаил и бил поставен од патријархот Методиј за митрополит Киевски. Св. Теодор завршил во 833 година. Овие прекрасни браќа пострадале за Христа и примиле прекрасна награда од Христа во бесмртното царство на светлината.

РАСУДУВАЊЕ

Приказна за божествениот Младенец Христос. И двајцата големи пророци, Исаија и Еремија, прорекле дека Господ ќе дојде во Египет и дека од Неговото присуство ќе се тресат идолските храмови и идолите ќе се разурнуваат. Исаија пишувал: *Ете, Господ ќе дојде во Египет и пред лицето Негово ќе затреперат идолите египетски* (Иса. 19:1; Јер. 43:12). Кога божествените бегалци стасале во градот Ермопол (Каиро) и таму се доближиле до некој идолски храм, одеднаш сите идоли во тој храм паднале и се искршиле. За тоа пишува св. Паладиј (во Лавсаикот), кој вели: „Видовме таму храм идолски, во кој од приближува-

њето на Спасителот сите (идоли) паднаа истуркани на земјата". Во некое место, викано Сирен, имало 365 идоли. Кога Пресвета Дева стапнала во тој храм со божествениот Младенец на рацете, сите тие идоли попаднале и се испокршиле. Исто така, попаднале и сите идоли по целиот Египет. Св. пророк Еремија, престојувајќи во својата старост во Египет, им прорекол на египетските жреци дека сите идоли ќе паднат и сите ракотворени ликови ќе се искршат во она време кога во Египет ќе дојде Дева Мајката со Младенецот, роден во јаслите. Ова пророштво добро го запаметиле жреците и според тоа на своите храмови ја претставувале Дева како се одмора на постела, а до неа, во јаслите, е Младенецот нејзин, повиен во пелени. И му се поклонувале на тоа претставување. Царот Птоломеј ги прашувал жреците што означува тоа претставување, а тие му одговориле дека е тоа тајна, проречена од отците нивни преку пророкот и дека тие го чекаат исполнувањето на таа тајна. И таа тајна навистина се исполнила, не само во Египет, туку и низ целиот свет била објавена.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за мудроста на Пресвета Дева Марија, и тоа:

1. како таа мудро разговарала со ангелот Божји (Лк. 1:28–38);
2. како таа размислувала за сè што се случило за раѓањето на Господа Исуса и за сè што било речено за Него и сето тоа си го ставала на срце;
3. како таа во Кана мудро им рекла на слугите да прават сè што ќе им рече Исус.

БЕСЕДА
за Пресвета Дева Богородица

Мојаѿа душа Го велича Госйода (Лк. 1:46).

Ние имаме, браќа, само неколку зборови запишани во ***Еванѓелиеѿо*** што ги изрекла Пресвета Богородица. Сите тие нејзини зборови се однесуваат на величање на Бога. Таа

била молчалива кон луѓето, но нејзината душа непрестајно разговарала со Бога. Секој ден и секој час таа наоѓала нова причина и повод да Го велича Бога. Кога би можеле да се знаат и да се запишат сите нејзини величања на Бога, низ целиот нејзин живот, о колку голема книга би била таа! Но и по она едно величање што таа го искажала пред нејзината роднина Елисавета, мајката на големиот пророк и Претеча Јован, секој христијанин може да процени каков мирисен и богоугоден цвет била нејзината пресвета душа. Тоа е само еден прекрасен псалм на душата на Богородица, што дошол до нас преку ***Евангелието***. Но таквите псалми биле многубројни во текот на животот на Преблагословената. И пред да го слушне ***Евангелието*** од устата на својот Син, таа знаела евангелски на Бога да Му говори и да Го слави Бога. Тоа знаење ѝ доаѓало од Светиот Дух Божји, чија благодат непрестајно се влевала во неа како бистра вода во чист сад. Го величела Бога со псалмите на својата душа преку целиот нејзин живот затоа и неа Бог ја возвеличува над херувимите и над серафимите. И нас, малите и грешните, ќе нè возвеличи истиот Господ Кој и неа ја возвеличил во Своето царство, ако и ние се потрудиме ова кратко време од нашиот живот да го исполниме со величање на Бога со дела, со зборови, со мисли и со молитви.

О Пресвета, Пречиста и Преблагословена Богородице, закрилувај нè со твоите молитви. На Тебе, и на Твојот Син и нашиот Господ, слава и вечна пофалба. Амин.

28 ДЕКЕМВРИ

1. Св. дваесет илјади маченици во Никомидија. Во времето на лошиот цар Максимијан Херкул, христијанската вера цутела во Никомидија и се зголемувала од ден на ден. Еднаш царот, задржувајќи се во тој град, дознал за големиот број христијани и за напредувањето на христијанската црква, па се налутил многу и смислил план како сите да ги погуби. Тогаш се приближувал празникот Рождество Христово и царот, откако дознал дека сите христијани на тој празник се собираат во црквата, наредил на тој ден црквата да се опколи со војската и да се запали. Кога се собрале сите христијани во црквата, после полноќ, и го започнале торжественото празнување, војниците ја опколиле црквата за да

не пуштат никого надвор, царскиот пратеник влегол во црквата и им ја објавил на христијаните царската заповед веднаш, или да принесат жртва на идолите, или сите ќе бидат изгорени. Тогаш архиѓаконот, јуначкиот Христов војник се разлутил со ревност божествена, па почнал да го храбри народот, потсетувајќи ги верниците на трите момчиња во вавилонската печка: *Погледнете, браќа,* рекол тој, *на жртвеникот на Господовиот олтар и разберете дека на него за нас се жртвувал Господ и нашиот Бог вистински, па зар ние да не ги положиме за Него нашите души на ова свето место.* Народот се воодушевил да умре за Христа и сите кои биле огласени се крстиле и се миропомажале. Војниците тогаш ја запалиле црквата од сите страни и христијаните, дваесет илјади на број, изгореле во пламенот, пеејќи ја славата Божја. Пет дена горела црквата и некаков чад се кревал од неа со опоен и прекрасен мирис и некаква чудна златозарна светлина се покажувала на тоа место. Така славно завршиле многубројни луѓе, жени, девојки и деца, и примиле венец на вечна слава во царството Христово. Пострадале и се прославиле во 302 година.

2. Преп. Симон Мироточив. Основач на светогорскиот манастир „Симоно–Петра". Прославен со подвизите, виденијата и чудата. Мирно се упокоил и преминал кај Христа во 1257 година.

3. Св. мч-чка Домна. Девица и жрец на скверните идоли на дворецот на царот Максимијан. Откако ги прочитала од некаде „Делата на светите апостоли", таа поверувала во Христа и се крстила заедно со евнухот Индис од епископот Кирил во Никомидија. Св. Кирил ја упатил во женски манастир, на кој игуменија била блажена Агатија. Но кога царот почнал да ја бара, Агатија ја облекла во машки алишта и ја испратила во машки манастир. Во тоа време од царот Максимијан биле изгорени 20 000 христијани во црквата. Веднаш потоа, по наредба на царот, св. Индис, Горгониј и Петар, со камења на вратот, биле фрлени во морето: војводата Зинон, кој јавно го изобличил царот заради идолопоклонството, бил исечен; св. Теофил, ѓакон на епископот Антим, бил убиен со камења и со стрели; игуменијата Агатија, монахињата Теофила и големците: Доротеј, Мардониј, Мигдониј и Евтимиј, сите биле погубени заради Христа. Една ноќ одела Домна по морскиот брег и видела рибари каде што фрлаат мрежа во морето. Таа во тоа време посебно тагувала по св. Индис. Кога била повикана од рибарите да им

помогне, таа им помогнала и со Божја промисла извлекле мрежа со три човечки тела. Домна ги познала св. Индис, Горгониј и Петар, ги зела нивните тела и чесно ги погребала. Кога дознал царот дека некое момче ги чува и ги покадува гробовите на христијанските маченици, наредил да се исече. И св. Домна била фатена и исечена, и во небесното царство со останатите маченици со венец на славата била овенчана.

РАСУДУВАЊЕ

Приказна за божественииот Младенец Христос. Кога Пресвета Дева со својот божествен Младенец и со праведниот Јосиф се приближиле до градот Ермопол, здогледале едно дрво пред портите на градот. Далечните патници биле изморени и се приближиле до тоа дрво малку да се одморат, иако дрвото било многу високо и немало удобна ладовина. Тоа дрво Египќаните го нарекувале „персеа" и му се поклонувале како на Бог, бидејќи верувале дека некое божество се крие во него. Всушност, во тоа дрво живеел некој лош дух. Па кога божјото семејство се приближило до тоа дрво, дрвото многу се затресло и лошиот дух, исплашен од приближувањето на Младенецот Христос, побегнал. Тогаш дрвото се свиткало со својот врв кон земјата и Му се поклонило на Создателот свој како на некое словесно создание. Така свиткано, дрвото правело голема сенка во која се одмориле изморените патници. Од тој ден тоа дрво од Христа Господа добило чудотворна лековита сила да исцелува секаква болест кај луѓето. Потоа светите патници отишле во селото Матареа. Близу до селото виделе едно дрво, смоква, и додека Јосиф отишол во селото по некоја работа, еве чудо, дрвото се наведнало кон земјата со својата крошна за да им направи сенка на патниците и со долниот дел се распослало така што Мајката со Детето можела да влезе во него и да се одмори. И што било уште почудно: близу до таа смоква одеднаш се отворил жив извор на вода. Тука, во близината, Јосиф нашол една колиба во која што се сместиле. Овде живееле и вода од оној чуден извор пиеле. Тоа е единствен извор на жива вода што се наоѓа во Египет (бидејќи сета друга вода во Египет доаѓа од реката Нил, која се разгранува во безбројни канали). И така, сличното предизвикува слично.

Господ Исус, бесмртен и небесен извор на жива вода, со Своето присуство предизвикал жива вода од земјата.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за ликот (соборот) на светите маченици Христови, и тоа:

1. како тие претрпеле маки, а од Христа не се одрекле;
2. како од љубов кон Христа Господа, оделе на маки и во смрт како на гозба;
3. како сега ликуваат во царството Христово и нам со своите молитви ни помагаат.

БЕСЕДА
за Пресвета Дева Богородица

Но Мајка Му Негова им рече на слугите: „Сè што ќе ви рече, направете!“ (Јн. 2:5).

Еве радост на сите верници: онаа која е најблиска до Христа Спасителот на небото, како што била и на земјата, се грижи за верниците, им се јавува, им помага и ги советува: *Сè што ќе ви рече,* Он, мојот Син и Бог, *направете*! Така таа ги посоветувала слугите на свадбата во Кана и слугите ја послушале и виделе чудо. Од тие малку зборови на Пресветата Дева Богоневеста, што се запишани во ***Евангелието***, ова е една драгоцена поука, всушност таа е единствена нејзина евангелска поука што таа им ја дала на луѓето за време на својот живот на земјата. *Сè што ќе ви рече, направете*! Како да сакала да каже: Он знае сè, Он може сè, Он ве љуби сите, затоа не се свртувајте ни таму ни ваму, туку Него чујте Го и Него послушајте Го. Таа ја сфатила должноста во овој свет дека живее за Него и дека кон Него, како кон извор на животот, другите ги упатува. Таа должност доброволно продолжила да ја извршува и од небесата. Низ целата историја на Црквата таа ги учела верниците да го прават она што Он го рекол. И ден–денес таа таинствено се симнува од својата небесна слава помеѓу верниците за да ги посоветува да го прават она што Он го заповедал. Тоа е нај-

зино ***Еванѓелие*** – ***Еванѓелие*** на Пресвета Дева Богородица. Тоа не се состои од четири евангелија, туку од четири збора: *Сѐ што ќе ви рече, направете*! О браќа мои, да ја послушаме! Да ја послушаме како мајка, и повеќе од своја мајка, бидејќи таа ни посакува најголемо добро – царување во вечното царство на нејзиниот Син.

О Пресвета Дево, помогни ни да ги исполниме зборовите Негови. На Тебе и на Него слава и вечна пофалба. Амин.

29 ДЕКЕМВРИ

1. Св. четиринаесет илјади младенци во Витлеем. Бидејќи мудреците од Исток не се вратиле од Витлеем во Ерусалим да му јават на Ирода за новородениот Цар, туку по заповед на ангелот по друг пат си отишле во својата татковина, Ирод се разлутил како лут ѕвер и наредил да се убијат сите деца од две, и помали од две години во Витлеем и по целата витлеемска околина. Таа страшна заповед на царот била потполно извршена. Неговите војници, едни деца со меч ги исекле, други од камења ги разбивале, трети со нозете ги згмечиле, четврти со раце ги удавиле. И се кренал плач и лелек на мајките до небото: *Глас се слуша во Рама, плач и ридање, и пискот голем: Рахил плаче за своите деца и не сака да се утеши, зашто ги нема* (Јер. 31:15; Мт. 2:18). Овој злостор над многу невини деца бил извршен една година по раѓањето Христово, на 29 декември. За тоа време Ирод пребарувал за да го најде божествениот Младенец. Го барал од Захарија неговиот син Јован за да го убие, бидејќи мислел дека Јован е тој нов цар. Бидејќи Захариј не го дал Јована, по наредба на Ирод и Захариј бил убиен во храмот. Ќе го убиеле и св. Симеон Богопримец, ако наскоро по Сретението не се претставил пред Бога. Откако ги истепал витлеемските деца, Ирод се нафрлил на еврејските старешини кои му толкувале каде Месијата ќе се роди. Така го убил Иркан првосвештеникот и 70 старци од Синедрионот. Така, лошо завршиле оние кои се согласувале со Ирода дека новиот Цар, Младенецот треба да се убие. Потоа ги убил својот брат и својата сестра, жената и своите тројца синови. На крајот и него го постигнала Божја казна: почнал сиот да се тресе, нозете му отекле, долниот дел од телото му загноил,

од гнојот почнале црви да излегуваат, носот му се затворил и неподнослива смрдеа се ширела од него. Пред самото издивнување, се сетил дека во затворот има многу затворени Евреи, па за да не се израдуваат на неговата смрт, наредил сите да се убијат. Така ја испуштил својата нечовечна душа овој грозен владетел и ја предал на ѓаволот во вечна своина.

2. Преп. Маркел. Од Апамија Сириска. Игумен на манастирот „Неусипајуштих" – („*На оние кои што не спијат*") во Цариград. Прозорлив, исцелител и голем чудотворец. Разговарал со ангелите, демоните лесно ги победувал и ги изгонувал. По смртта, му се јавил на својот собрат Лукијан и му рекол дека Го замолил Бога и него наскоро да го земе во царството небесно. Овој свет и славен човек се упокоил во 486 година.

3. Преп. Марко Гробар и Теофил Плачлив. Киевопечерски монаси. Св. Марко имал толкава благодат што на мртвите им заповедал и тие го слушале. *Почекај, брате, до утре, бидејќи гробот уште не ти е готов*, порачал Марко да му се каже на еден умрен монах кој бил веќе и искапен и отпеан. И монахот ги отворил очите и бил жив до другиот ден. Теофил плачел непрестајно за своите гревови. Своите солзи ги пролевал над еден сад. Пред смртта, му се јавил ангел и му покажал еден поголем сад, исполнет со солзи. Тоа биле солзите на Теофил што паѓале на земјата или биле истриени со рака, или пак се исушиле на лицето. Така на небото се знаат и се чуваат сите наши солзи, како и сите маки, и тешки воздишки заради спасението. Овие свети Божји слуги се упокоиле во XI век и преминале во царството Христово.

РАСУДУВАЊЕ

Приказна за Пречистата Дева Марија. Таа го зачнала Господа во петок како што во петок се случило и Неговото страдање, а Го родила во неделен ден. Во неделен ден *рече Бог нека биде светлина* (I Мој. 1:3); во неделен ден паднала мана од небото; во тој ден Спасителот Господ се родил и во тој ден бил крстен на Јордан. Во Витлеем, во тоа време, живеела една старица Саломија, некоја роднина на Јосиф и на Марија. Таа не можела да ги прими своите роднини на конак кај себе, но ги посетувала во овчарската пештера. Кога Пресвета Дева непорочно Го родила Спасителот Господ, ѝ дошла Саломија на посета и се зачудила како

можела толку млада девица да роди без помош од бабица, па уште и сама да Го повие Младенецот и, покрај сè, да биде на нозе. Кога ѝ објаснила на Саломија дека е тоа раѓање од Бога, а не од човек, дека е негнилежно и безболно и дека Дева Мајката останала девојка и по раѓањето како што била и пред раѓањето, Саломија не сакала да поверува. Таа ја пружила раката кон телото на Пречистата Дева, по бабински обичај да испита дали тоа навистина е така. За нејзиното неверување и за дрскоста ја стасала казна: раката ѝ се фатила и ѝ се исушила. Бабата многу се исплашила од чудото и се нажалила заради исушената рака. Но потоа, кога со раката се допрела до божествениот Младенец, таа ѝ оздравела и станала како што била порано. Така Саломија поверувала и во девството на Пречистата Дева Марија и во божеството Христово. Кога по 40 дена, според обичајот, дошла Пресвета Дева со Младенецот во ерусалимскиот храм, првосвештеникот Захариј ја ставил на местото одредено за девојките. Фарисеите и свештениците се збуниле заради тоа и сакале да ја одведат на местото одредено за жените, но видовитиот Захариј тоа не го допуштил, потврдувајќи дека таа е девојка, иако родила. Заради ова еврејските старешини го замразиле Захариј и барале од Ирода да биде убиен. Веднаш по излегувањето од храмот, Богородица со Јосиф се оддалечила од Ерусалим во Назарет, па потоа во Египет.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за соборот (ликот) на светите јерарси и учители на Црквата, и тоа:

1. како тие ревносно го проповедале ***Еванѓелието*** и му пастирствувале на стадото Христово;

2. како ја утврдувале благочестивата вера и ересите ги побивале;

3. како сега ликуваат во царството Христово и нам со своите молитви ни помагаат.

БЕСЕДА
за Пресвета Дева Богородица

А и на тебе самата меч ќе ти ја прободе душата...(Лк. 2:35).

Кој би можел приближно да се спореди со Господа во трпеливото поднесување на страдањата на земјата така, како Неговата Пресвета Богомајка. Старецот Симеон, украсен со косите и брадата како бел лебед, пророчки ги предвидел нејзините болки во иднината и тие болки ги споредил со продирањето на мечот низ душата. Еден меч поминал низ нејзината душа кога праведниот Јосиф се посомневал во неа за време на бременоста, втор кога морала да бега во Египет пред мечот на Ирода, трет, и четврт, и десетти и многу, кога ги гледала лагите и сплетките на еврејските старешини против нејзиниот Син од ден на ден за сето време на Неговата проповед и чудното делување помеѓу луѓето. Но најостриот меч поминал низ нејзината душа кога стоела под Крстот на Господа и на својот Син. Тој меч го предвидел и го прорекол светиот старец Симеон. Величествено е и возбудливо нејзиното молчење, со кое, како со завеса, ги покривала сите свои болки, сите рани на своето срце. Во мракот на сите тие многубројни болки натрупани во нејзиното пречисто срце светело неизгасливото кандило на верата и надежта во Бога и преданоста кон Бога. Ненадминлива во благородноста слугинка Господова! Таа јасно се видела себе во Божјиот план на човечкото спасение, таа читала кај пророците за себе, таа разговарала со ангелите, Божјите весници. Затоа сè што доаѓало, радоста или маката, таа знаела дека доаѓа од Бога, та ниту се радувала во радоста, ниту се жалела во маката, туку молчела и сè си ставала на своето срце.

О Пресвета Дево Богородице, помогни ни нам, слично на тебе, да бидеме покорни на волјата Божја, на Твојот Син и Господ, преку Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

30 ДЕКЕМВРИ

1. Св. мч-чка Анисија. Родена е во Солун од угледни и богати родители и воспитана во Христовата вера. Рано останала сираче и сета се предала на богомислие и на молитва во својот дом. Одушевена од љубовта Христова, често

говорела: „О лажен животу на младите, зашто или соблазнуваш или самиот се соблазнуваш. Подобра е староста, но тага ме обзема заради должината на времето што ме дели од небесните“. Потоа го продала сиот свој имот и го разделила на тие што немаат ништо, а самата живеела од трудот на своите раце. Држела строг пост, спиела многу малку и непрестајно пролевала солзи на молитва. Кога ја совладувал сонот, таа си велела: „Опасно е да спијам кога мојот непријател бдее“. Во тоа време лошиот цар Максимијан издал проглас дека секој може да убие христијанин каде што ќе види или ќе сретне, без суд или осуда. Еднаш, оваа света девојка излегла на улица за да оди в црква. Тој ден бил незнабожечки празник на сонцето. Некој војник ја видел прекрасна на лицето, па ѝ се приближил со нечиста желба и ја прашал за името. Таа се прекрстила со крст и му рекла: „Слугинка сум Христова, и одам во црква“. Кога дрскиот војник ѝ се приближил повеќе и почнал безумно да ѝ говори, таа го оттурнала и му плукнала во лицето. Војникот ја удрил со мечот под ребрата и ја убил. Оваа света девица пострадала во 298 година и од христијаните била чесно погребана, а од Бога во небесното царство со венец на слава била овенчана. Над нејзиниот гроб била изградена црква.

2. Преп. Теодора Цариградска. Монахиња и послушничка на св. Василиј Нови (види, 26 март). По смртта, му се јавила на св. Григориј, ученикот на Василиј, му ги опишала сите 20 митарства низ кои нејзината душа поминала додека со помош на молитвите на св. Василиј не влегла во вечен покој. Се претставила на 30 декември 940 година.

3. Св. апостол Тимон, е еден од седумте ѓакони (Д.а., 6:5) и од седумдесетте апостоли. Поставен за епископ Батрски во Арабија, тој го проповедал ***Евангелието*** и претрпел многу маки од незнабожците. Бил фрлен во оган, но останал неповреден. Најпосле завршил распнат на крст и се преселил во царството Христово.

4. Преп. Теодора Кесариска. После многуте подвизи во манастирот „Св. Ана“, мирно се упокоила во 755 година.

5. Преп. мч. Гедеон. По потекло Грк, од многу бедни родители. Во младоста бил насилно потурчен. Раскаен, побегнал во Св. Гора, каде што во манастирот „Каракал“ примил монашки чин. Жеден за мачеништво за Христа тој зел благослов од својот духовник и отишол во она место каде што бил потурчен и јавно пред Турците ја исповедал ве-

рата Христова и го навредил Мухамеда како лажен пророк. Турците му ја избричиле главата, го ставиле наопаку на магаре и го воделе низ градот. Но тој се радувал на тоа понижување заради Христа. Потоа со секира му ги пресекле сите прсти на рацете и на нозете како некогаш на св. Јаков Персијанец (види, 27 ноември), и најпосле го фрлиле во клозет каде што ја предал својата света душа на Бога, во 1818 година, во местото Турново во Тракија. Чудотворните мошти му почиваат во црквата „Свети Апостоли“ во селото Турново, а еден дел од моштите се наоѓа во манастирот „Каракал“.

РАСУДУВАЊЕ

Еве уште два примери како милостивиот Бог им помага во неволја на оние кои со вера се надеваат на Него. Блажена Теодора Кесариска била родена во куќа на големец и била дадена во манастирот „Св. Ана“ на воспитување. Теодора не само што се воспитувала, туку и се подвизувала, подготвувајќи се да прими монашки чин. Царот Лав Исавријанец со сила ја извлекол од манастирот и ја прстенувал за еден свој војвода. Теодора се противела на бракот со сета душа, но била немоќна како јагне во волчи шепи. Таа тагувала и во срцето непрестајно се молела на Бога да не ја остава. И на самиот ден на венчањето, кога гостите се веселеле, ненадејно му дошла вест на царот дека Скитите го нападнале неговото царство. Царот му наредил на тој свој војвода веднаш да појде со војската против Скитите. Војводата отишол и повеќе не се вратил, бидејќи загинал во борбите. Така св. Теодора со помош Божја се ослободила и како чиста девојка пак се вратила во својот манастир каде што се замонашила и како монахиња се прославила со својот необичен подвиг. Втор пример. Во манастирот „Неусипајуштих“ – („На оние кои што не спијат“) една гладна година се случило да биде голема немаштија. Игуменот св. Маркел, еден ден дочекал некои сиромашни луѓе и ги нагостил, па уште сакал да им даде пари за патот. Маркел го прашал манастирскиот економ колку пари има. Економот одговорил: „Десет сребреници“. Игуменот наредил сите десет сребреници да им се дадат на сиромасите. Економот не ги дал сите десет сребреници, туку девет, а еден задржал за манастирските потреби. Тој бил многу загрижен за манастирот, бидејќи било голема немаштија. Тогаш ненадејно манастирот го

посетил некој богат човек и му донесол на игуменот 90 златни таланти. Видовитиот Маркел тогаш го повикал економот и му рекол: „Еве, Бог сакал преку овој благочестив човек да ни испрати 100 таланти, но бидејќи ти не ме послуша мене и задржа еден сребреник, заради тоа сеопштиот Промислител нè лишува од десет таланти“.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за соборот (ликот) на подвижниците, девствениците и девственичките, и тоа:

1. како тие од љубов кон Христа се одрекле од сè и доброволно се предале на трпение;

2. како се победиле себе си, светот и ѓаволот, со истрајното трпение;

3. како сега ликуваат во царството Христово и нам со своите молитви ни помагаат.

БЕСЕДА
за царството на светителите

Потоа, светиите на Севишниот ќе го земат царството и ќе владеат со него и во веки веков (Дан. 7:18).

Понижени и поробени во земните царства, светителите ќе царуваат вечно во небесното царство. Последни на земјата, тие како први ќе се веселат на небото. Гладни и жедни, и боси и голи во минливите царства, тие ќе бидат како царски синови, наситени и облечени во царски облеки во неминливото царство, во своето негнилежно царство. Тоа е последно царство и, всушност, единствено што може да се нарече царство. Сè друго е минливо, привремено училиште, измама и суета. За вечното царство на светителите се регрутираат на земјата граѓани од сите царства земни и од сите времиња. Тоа се синови и ќерки на Христа Спасителот, деца на живиот Бог. Оние кои се преселиле од овој живот во оној, и сега царуваат, но уште не е покажан сиот блесок и сета величина на нивното царување. Тоа ќе се покаже на второто доаѓање Христово, Судијата на живите и на мртви-

те. Тогаш ќе се покаже сиот блесок и сета величина на царството на светителите. Тоа е вечното царство на Христа Бога нашиот. На тоа царство нема да има ни смена ни крај во веки веков.

О Господи Исусе, Создателу на царството на светителите, смилувај се на нас грешните и подготви нѐ за вечното царство на Твоите светители. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

31 ДЕКЕМВРИ

1. Преп. Меланија Римјанка. Родена во Рим од благочестиви родители и многу богати. Присилена од родителите, таа стапила во брак со некое познато момче Апинијан. Кога го родила своето второ дете, таа тешко се разболела и му рекла на својот маж дека ќе оздрави само ако тој се заколне пред Бога дека во иднина со неа ќе живее како брат со сестра. Мажот се заколнал и Меланија од духовната радост и телесно оздравела. Бидејќи по Божја промисла и двете деца им починале, тие се решиле да го распродадат сиот свој имот и да го разделат на сиромасите, на црквите и на манастирите. Патувале по многу земји и градови, секаде правејќи добри дела од своето богатство. Посетиле познати духовници во горниот и во долниот Египет и од нив многу научиле и се надахнале. За сето тоа време Меланија се подвизувала во строг пост, со срдечна молитва и со читање на ***Свето̄то̄ п̄исмо***. Имала обичај секоја година по трипати да го прочитува целото ***Свето̄ п̄исмо***, ***Стариот̄*** и ***Новиот̄ завет̄***. Со својот маж живеела како со свој брат и сподвижник. Кога дошле во Александрија, примиле благослов од патријархот св. Кирил. Потоа отишле во Ерусалим и се населиле во Елеонската Гора. Овде Меланија се затворила и сета се предала на богомислие, пост и на молитва. И така проживеала 14 години. Потоа излегла за да им послужи на другите кон спасението. Основала машки и женски манастир. На покана од својот роднина, сенаторот Волусијан, незнабожец, отишла во Цариград и него го обратила во верата Христова (што не можел да го направи ниту Блажен Августин). Потоа пак се вратила на Елеонската Гора, каде што се претставила на Бога во 439 година, во 57. година од својот живот.

2. Св. праведен Јосиф, цар Давид и Јаков, брат Господов. Се празнуваат во неделата по Рождество Христо-

во. За царот Давид, синот Јесеев може да се дознае сè од книгите *Царсѿва*. За свети Јаков види на 23 октомври. Праведниот Јосиф ***Еванѓелиеѿо*** го нарекува *ѿраведен маж* (Мт. 1:19). Затоа му била дадена од Бога Пресвета Дева во заштита и му се дала голема чест во домостројот на човечкото спасение. Иако Јосиф бил од царски род на Давид, сепак тој бил скромен дрводелец во Назарет. Во својата 80 година ја зел Пресвета Дева од ерусалимскиот храм во својот дом, а во 110. година се упокоил.

3. Преп. мч. Зотик Сиропиталец (хранител на бедните). Познат по родот и по чинот. Се преселил во Цариград, отфрлајќи сè што било светско од себе и примил свештенички чин. Основал дом за бедни и во него ги сместувал оние кои имале потреба и им служел. Личен познаник на царот Константин Велики. За земеното злато од царот што го потрошил за сиромасите, Констанциј, синот на Константин, го зел, го врзал за дива маска, која била гонета сè дотогаш додека светителот од раните не починал. Пострадал во IV век.

4. Блажен Теофилакт, ариепископ Охридски. Роден на островот Еврип, а воспитан во Цариград кај најпознати учители на тоа време. Како клирик на Големата Црква, бил избран за епископ и бил испратен, иако не сакал, во Охрид, каде што поминал околу 25 години (отприлика од 1082 до 1108 година). Хоматијан Охридски го нарекува „најмудриот архиепископ“. Човек со огромна ученост, светска и богословска, со истанчен византиски вкус, меланхоличен и осетлив. Теофилакт се чувствувал меѓу Словените во Охрид како прогонет меѓу варварите. Напишал толкувања на сите четири евангелија и на други книги од ***Новиоѿ завеѿ***. Тоа е најдоброто дело од тој вид после св. Златоуст, што и ден–денес се чита со голема полза. Од неговите останати дела познати се уште: ***Писмаѿа*** и ***Жиѿиеѿо на св. Клименѿ Охридски***. Во староста св. Теофилакт се повлекол од Охрид во Солун каде што, како што се мисли, и го завршил својот земен живот и се преселил во блажената вечност.

РАСУДУВАЊЕ

Како светите луѓе и светите жени умееле мудро да раководат со богатството! Како тие со земното благо вешто

купувале вечни небесни блага! О како тие малку ги ценеле земните блага сами по себе! Како прашина и чад! Кога св. Меланија ги посетувала светите пустински отци во Египет со цел да им направи некоја парична помош, се зачудила кога го видела нивниот голем презир кон имотот и богатството. Така, таа посетила некој пустиник Ефестион и не видела ништо во неговата колиба, освен садови за вода, сув леб и една сламена постела. Знаејќи однапред дека старецот нема да прими од неа злато, таа ја искористила приликата и во постелата ставила неколку златници. Кога таа се тргнала да си оди, го слушнала старецот како трча по неа и вика со сиот глас да застане. Таа застанала. Старецот ги држел во дланката златниците и подавајќи ѝ ги на Меланија, рекол: „Мене ова не ми е потребно, земи го за себе!“ Меланија му рекла: „Ако на тебе не ти е потребно, дај му ги на друг“. Тој одговорил: „Во ова место на никого тоа не му е потребно“. Кога Меланија не сакала да го прими златото, старецот замавнал со раката и ги фрлил златниците во реката, потоа се вратил во својата келија.

Во времето на чумата, во Цариград, царот наредил секој што е болен од чума да се фрли во морето. Св. Зотик ги откупил болните и ги однесол во својот дом и таму ги негувал. Кога снемал пари, тој отишол кај царот и побарал од него пари за да му купи скапоцени бисери. Царот му дал, а тој со тие пари и понатаму ги купувал болните и ги негувал. Еден ден царот го прашал Зотик за ветените бисери, а Зотик го одвел и му ги покажал болните луѓе во својот дом и му рекол: „Ова се, царе, живи бисери кои јас ги стекнав со труд и со парите за твое спасение“. Разгневениот цар го осудил Зотик на смрт. Но Зотик преминал во вечен живот, а царот останал да трпи и да се кае за својот грев.

СОЗЕРЦАНИЕ

Да созерцавам за соборот (ликот) на покајниците и на покајничките, и тоа:

1. како тие без знаење или со знаење грешеле против законот Христов;

2. како се покајале, животот свој го исправиле и законот Христов го исполниле.

3. како сега ликуваат во царството Христово и нам со своите молитви ни помагаат.

БЕСЕДА
за победата на Агнецот

Тие ќе војуваат против Агнецот и Агнецот ќе ги победи... (Откр. 17:14).

Да се радуваме, браќа, и да се веселиме за победата на Агнецот над сите ѕверови. Лавовите и тигрите, и волците и лисиците, и хиените и змиите, ќе ги победи Агнецот! Кој го слушнал тоа и го видел? Нашите уши тоа го чуле и нашите очи го виделе. Агнецот е Христос Господ, а ѕверови се сите Негови противници, видливи и невидливи. И во наше време Агнецот победува, и во иднина сè до последниот ден Агнецот ќе победува. Победувал, победува и ќе ги победува сите цареви и господари земски со ѕверски карактери, и нивните војски и наемници, и ќе ги прославува нивните следбеници. Таква сила има кроткиот Агнец Божји. О браќа мои бедни, не бојте се, не плашете се, не сомневајте се: најголем Победител е вашиот водач, ваш помошник и ваш пријател. Он се именува како Агнец за да нè научи да бидеме како јагниња: тивки, кротки, незлобни, трпеливи, подготвени на победоносна жртва и предадени на волјата на својот Пастир. Кога е Бог со јагнето, тоа е посилно од волкот, посилно е од лавот, повешто е од змијата и од лисицата. Но правдата не може да се познае, ниту победата конечно да се види додека двата света не се земат во предвид. О браќа мои, кога двата света ќе ги земеме во предвид, ние ја познаваме вечната правда и бесмртната победа. Агнецот победува и само Агнецот.

О Исусе Господи, Цар над царевите, Победител во секоја расправија и борба, кротко и милосрдно Јагне Божјо направи нè и нас победоносни јагниња. На Тебе слава и вечна пофалба. Амин.

Крај и на Бога слава.

По молитвите на сите Твои светии,
Господи Исусе Христе, Боже наш, помилуј нè.

АМИН.

ЗБОРОВИ И ИЗРАЗИ ШТО СЕ СРЕЌАВААТ ВО ПРОЛОГОТ, А СЕ НЕДОВОЛНО ПОЗНАТИ ЗА ПОШИРОКИОТ КРУГ НА ЧИТАТЕЛИ

ава, авва	арамејски збор со значење „отец“.
ад	пекол.
Акатист	поетска композиција од 12 кондаци и 12 икоси во чест на Господ Исус Христос или на Пресвета Богородица, или, пак, на некој позначаен светител.
алилуја	фалете го Господа.
амин	збор од еврејско потекло, со значење: навистина, така е, така нека биде.
анатема	Проклетство; црковен чин со кој се проколнува одделно лице (еретик, расколник), народ или друга Црква.
анатемисува	проколнува.
ангел	Весник, гласник. Духовно суштество, посредник меѓу Бога и луѓето, служител на Божјата волја.
апостол	1. Пратеник, ученик Христов и секој друг последовател (следбеник) Христов; 2. Богослужбена книга со Делата на светите апостоли.
архиѓакон	Прв меѓу јероѓаконите, т.е. ѓаконите од монашки ред.
архиепископ	Прв, главен епископ. Поглавар на помесна, автокефална црква.
архијереј	епископ или митрополит кој управува со епархија.
архимандрит	највисок свештеномонашки чин во православната Црква, началник на духовно стадо, старешина на манастир.

аскет	испосник, покајник, подвижник, кој сам се лишува од земните благодети заради духовно издигнување.
безмолвник	збор од грчко потекло: тихувател, исихаст.
безмолвие	молење, тишина, мир, спокој.
бдение	неспиење, бдеење, богослужба во сабота спроти недела или на голем празник од вечерната до утренета.
благодат	дар, милост, сила добиена од Бога.
великомаченик-чка	луѓе, мажи и жени кои биле изложени на нечуени измачувања заради верата во Исус Христос.
вечерна	вечерна боголужба
војвода	раководител на војници, вооружени лица.
воплотување	(на Синот Божји) зачнување отелотворување.
воскресение	станување од гроб, оживување.
Голгота	рид кај Ерусалим на кој бил распнат Исус Христос.
демон	ѓавол, лош дух.
добродетел	добра особина или дело.
духовни мисли	мисли со духовна содржина.
духовник	свештено или свештеномонашко лице што се грижи за својата паства и за своите духовни чеда, ги поучува, ги упатува по Божјиот пат, ги исповедува и им дава благослов и упатство според духовните потреби итн.
духовенство	свештенослужители. (свештеници и монаси) на една црква.
духовен отец	духовен пастир, духовен водач.
ѓакон	прв чин при ракополагањето.
Евангелие	1. Блага, радосна вест. 2. Богослужбена книга која стои на светиот престол.
евангелист	писател на Евангелие.

евнух	чувар на жени, особено на жени во храм, на кого машкоста му е одземена (кастриран).
енорија	парохија.
епископ	врховен старешина и главен учител на свештениците и на верниците на определена територија; владика.
епитимија	казна на свештено лице од повисока црковна власт за направена грешка, која обично се издржува во манастир.
ерес	спротивно учење од учењето на Црквата.
еретик	приврзаник на ерес
жезол	патерица, палка – симбол на духовна власт и сила. Жезол носат архијереите и поглаварите.
игумен/игуменија	раководителка, старешина на манастир.
идолопоклоник	поклонувач на лажни богови, на идоли.
икос	пофална песна за светител или за празничен настан.
инок	монах.
ипостас	заедничка суштина на Светата Троица.
искушение	испробување на вистинските особини на човекот со нудење на нешто привлечно.
испосник	аскет, покајник, човек кој се лишува од телесни наслади.
јерарси	духовни водачи.
јеромонах	монах (калуѓер) со сан на свештеник.
јуродив	безумен (заради Христа), налудничав, слабоумен, малоумен.
канонарх	црковник, прислужник во црквата.
кивот	кутија/ковчег за чување на мошти на светители или за света причесна.

клир	православно свештенство или духовенство.
лавра	поголем православен манастир, во кој има и седиште на епископ
лаос	верник од верниот народ.
легион	назив на бројот 100 000; основна воена единица во стариот Рим составена од 3 000 до 6 000 души.
лепта	ситна пара.
литија	црковна церемонија на верници и свештени лица околу храм или надвор од него.
литургија	богослужба, дело за богослужба.
мантија	свештеничка или монашка облека.
мана	храна што Бог ја пушта од небото.
метох	дел од манастир, манастирски имот и згради во населено место.
миро	мирисливо масло направено од триесетина материи и служи за миропомазание.
мирјанин	верник, лице кое нема свештен чин.
митарство	страдање, мака, испитување (на верноста)
митра	владичка круна.
митрополит	највисок владички чин, т.е. архијереј на град–центар на епархијата, кому му се потчинети другите епископи.
монах	калуѓер
мошти	тело, делови од тело на упокоен светител, маченик, итн.
наѕидно	нешто што се надоградува, надѕидува
незнабожец	паган (човек кој верува во лажни божества и во разни предмети – идоли).
непрестајно	постојано, непрекинато.

непорочен	без недостатоци, чист, без вина, безгрешен, незлобен.
Номоканон	збирка од црковни канони, закони.
обител	живеалиште на монашки лица, манастир
обитувал	престојувал, живеел во манастир.
обратен-а	(во верата Христова) придобиена за верата на Исус Христос, покрстена
одежда	богослужбена облека
отшелник	монах кој живее осамен, а не во манастир, т.е. пустиник, а во манастир доаѓа само за причестување.
откровение	1. откривање 2. книга од св. Јован
охолост	гордост
омофор	важна архиерејска одежда.
осени	осветли, благослови со некоја светост (со крст,со св. мошти и сл.)
панихида	црковен обред за помен на починат.
паства	духовно стадо, т.е. христијаните верници.
патријарх	поглавар на патријаршија.
Педесетница	педесеттиот ден по Воскресението, Духовден.
подвизување	аскетизам, од подвиг, човек кој прави подвизи, аскет, вежбање во доброто со голем труд и напор.
порок	негативен недостаток во карактерот што е за осудување.
похот	силна палава страст.
православие	правилно славење, исповедување на христијанската вера според „Светото писмо“.
презвитер	свештеник.
преемник	предводник.
претеча	претходник.

претор	во стариот Рим со овој термин се именувале конзулите и диктаторите, а подоцна и претставниците на највисоката судска власт
прозорлив	видовит на иднината или во некоја современа суштина.
припрата	првиот дел од храмот, тремот.
пролог	зборник на житија на светители според календарот за цела година, придружени со поуки.
пророк	претскажувач, предвесник на нешто што ќе биде во иднина.
прошка	опростување.
проѕирлив	предвидлив, видовит, кој гледа во иднината, во невидливото.
Псалтир	збирка на 150 псалми од Библијата.
расо	црна, широка и долга горна облека на православните духовници.
ракополагање	произведување во некој јерархиски (монашки или свештенички) чин.
ревнител	огнен застапник за успех на духовното дело.
ревнување, ревност	пројавување голема грижа за својата вера, големо залагање за нешто.
роптање	негодување, викање, спротивставување.
сатана	ѓавол, измамник, искушувач, лош дух.
сан	свештеничко достоинство.
сакеларији	звање на православен свештеник.
серафим	шестокрилен ангел, највисок ранг на ангел.
Света Троица	Отецот, Синот и Светиот Дух.
Свето писмо	Библија, книга (збирка од 77 книги, од кои 50 го сочинуваат Стариот, а 27 Новиот завет).

светотатство	крадење на свети работи, ругање на свети нешта.
се упокоил	починал.
симонија	ракополагање (доделување) свештени чинови за парична надокнада.
Синаксар	Збирка на податоци за некој светител или за некој празник.
скиптар	жезол (знак за владејачката моќ на царови и кралови)
скит	монашка ќелија, испосница, недалеку од манастирот од кој што зависи; целина на ќелии, изградени на извесна далечина од манастирот, каде што засолниште наоѓаат повеќе монаси што водат подвижнички, испоснички живот.
скрушен	смирен, понизен.
скрушеност	смиреност, понизност.
словесност	теориско обучување, нешто што станува, што се извршува со слово, со збор.
снисходлив	благонаклонет, милостив, не строг кон недостатоците на некого или на нешто.
созерцание	Мисловно гледање, набљудување, размислување, вдлабочување, проникнување, сосредоточување, концентрирање на умот и на духот врз интелектуален или духовно религиозен предмет. Христијанското православно созерцание за предмет Го има Бога и тајните на домостројот на спасението извршено од Богочовекот Христос. Созерцанието бара очистување на органите на богопознанието – умот, срцето... Крајната цел е обожувањето на човекот и неговото единство со Бога.
сокровиште	скривалиште, трезор.

стадии	мерка за должина.
схима	(примил схима) монашки чин (има мала и голема схима).
схимник	монах кој води строго отшелнички и аскетски живот.
спиритисти	верувачи во можноста за општење со душите на починатите.
талант	вродена способност за нешто, талент, дарбина.
утрена	утринска богослужба
успение	заспивање (смрт) од кое има разбудување (воскреснување).
убрус	крпа за бришење по причестувањето.
чтец	читач, лице кое со благослов од архијерејот помага во богослужбите.
чудотворец	лице кое за време на животот или по смртта прави чуда.
чреда	редарство, дежурство, смена.

Составил,
Д-р Стојан Ристески

АЗБУЧНИК
на светителските имиња и празниците во „Житијата на светиите“

А

Авакум ѓакон мч.	17 дек
Авакум пророк	2 дек
Августин еп. Ипон.	15 јун
Авда свешт. мч.	31 мар
Авдиј пророк	19 ное
Аверкиј рамноапост.	22 окт
Аврамиј и Марија	29 окт
Аврамиј Смолен.	21 авг
Аврам и Лот	9 окт
Аврам, Исак и Јаков	21 авг
Автоном свешт. мч.	12 септ
Агапија и др.	16 апр
Агапиј мч. и др.	15 мар
Агапит папа Римски	17 апр
Агапит Печер. преп.	1 јун
Агатангел преп. мч.	19 апр
Агатија мч-чка	5 фев
Агатоклија мч-чка	17 сеп
Агатоник и др.	22 авг
Агатон преп.	2 мар
Агатопод и др. мч-ци	5 апр
Агеј пророк	16 дек
Агнија мч-чка	21 јан
Агрипина мч-чка	23 јун
Адријан и Ев. мч-ци	3 фев
Адријан и Наталија	26 авг
Акакиј еп. Мелити.	17 апр
Акакиј мч.	7 мај
Акакиј Папучар преп.	1 мај
Акакиј преп.	12 апр
Акакиј Синајски	29 ное
Аквилина мч-чка	13 јун
Акепсим еп. Наесон.	3 ное
Акил апостол	14 јул
Акилина н.мч-чка	27 сеп
Акиндим и др.	2 ное
Аксентиј преп.	14 фев
Албан мч.	23 авг
Александар еп. Алекс.	29 мај
Александар еп. Ерус.	12 дек
Александар еп. Ком.	12 авг
Алекс. и Ант мч-ци	10 јун
Александар Ј. и П.	30 авг
Александар мч.	15 мар
Александар мч.	13 мај
Александар Невски	30 ное
Александар преп.	3 јул
Алексан. Солун н.мч.	26 мај
Алексиј м. Моск.	12 фев
Алексиј чов. Божји	17 мар
Алимпиј Иконописец	17 авг
Алимпиј Столпник	26 ное
Алфеј апостол	26 мај
Алфеј, Ф. и Кир. м-ци	10 мај

АЗБУЧНИК

Амвросиј еп. Медиол. 7 дек
Амон Египћанец 4 окт
Амон преп. 2 јан
Амон преп. Египет. 10 јан
Аморејски мч-ци 6 мар
Амос пророк 15 јун
Амфијан и Едес. м-ци 2 апр
Амфилохиј Икон. 23 нoе
Ана и Јован 13 јун
Ана мајка Самоилова 9 дек
Ана м. на св. Богор. 25 јул
Ана преп. 28 ное
Ананиј апостол 1 окт
Ананиј, и др. 17 дек
Анастасија П. преп. 10 мар
Анастасија Римјанка 29 окт
Анастасија Узореш. 22 дек
Анастасиј мч. 25 окт
Анастасиј новомч. 29 авг
Анастасиј преп. мч. 22 јан
Анастасиј С. п. Ант. 20 апр
Анастасиј Синај. пр. 20 апр
Анатолиј п. Царигр. 3 јул
Ангелина м.30 јули и 10 дек
Андреј ап. Првоп. 30 ное
Андреј арх. Критски 4 јул
Андреј Јуродив 2 окт
Андреј кнез Смол. 27 окт
Андреј преп. мч. 17 окт
Андреј Стратилат 19 авг
Андреј Хиоски мч. 29 мај
Андроник апостол 17 мај
Андроник и Атанасија 9 окт
Аниан еп. Александ. 25 апр
Аникита и Фот. мч-и 12 авг
Анин чудотворец 18 мар
Анисиј мч. 30 дек
Антиох преп. 24 дек
Антипа еп. Пергам. 11 апр
Антониј Велики 17 јан
Антониј, и др. мч-ци 14 апр
Антониј мч. 9 авг
Антониј патр. Цар. 12 фев
Антониј Печер. преп. 10 јул
Антониј Римјан. преп 3 авг
Антонин мч. и др. 13 ное
Антим свешт. мч. 3 сеп
Антуса мч-чка 22 авг
Антуса преп. 27 јул
Анувиј преп. 5 јун
Аполинарија преп. 5 јан
Аполинариј св. мч. 23 јул
Аполониј мч. 29 ное
Аполониј преп. 31 мар
Аполос, Лук. и Кл. 10 сеп
Аргира новомч-чка 30 апр
Ардалион Глумец мч. 14 апр
Арета мч. 24 окт
Арета Печерски 24 окт
Ариадна мч-чка 18 сеп
Аристарх, П. и Тр. а. 15 апр
Аристовул ап. 6 мар
Аристокл и др. мч-и 20 јун
Арсениј арх. Пећски 28 окт
Арсениј Велики 8 мај
Арсениј еп. Крфски 19 јан
Арсениј Комелски 24 авг
Арсениј Труд. преп. 8 мај
Артемиј вмч. 20 окт
Артемиј праведен 20 окт
Артемон еп. Сел. 24 мар
Артемон свешт. мч. 13 апр
Архелаја, и др. мч-ки 6 јун
Архип, Фил. и Апф. 19 фев
Арчил цар и мч. 21 фев
Аскалон мч. 20 мај
Астиј свешт. мч. 4 јун
Атанасиј Атонски 5 јул
Атанасиј Брестовски 5 сеп
Атанасиј Вел. 18 јан. и 2 мај
Атанасиј Затвор. 2 дек
Атанасиј Мет. преп. 20 апр
Атанасиј мч. 7 јан
Атанасиј патр. Цар. 28 окт
Атанасија преп. 12 апр
Атиноген еп. Севаст. 16 јул

Антиноген мч. 16 јул
Африкански мч-ци 8 дек
Ахиј пророк 12 нов
Ахмед новомч. 24 дек

Б

Бенедикт преп. 14 мар
Бидзан кн. Груз. 18 сеп
Благовештеније. 25 мар
Богојављеније 6 јан
Бојан кн. Бугарски 28 мар
Бонифациј Милостив. 19 дек
Бонифациј и Аглаида 19 дек
Борис и Глеб 2 мај

В

Воведение 21 нов
Вавила свешт. мч. 4 сеп
Вавил свешт. мч. 4 сеп
Вадим преп. мч. 9 апр
Валентин свешт. мч. 30 јул
Варвара вел. мч-чка 4 дек
Варвар мч. 6 мај
Варвар разбојник 6 мај
Варлам и Јоасаф 19 нов
Варлам мч. 19 нов
Варлам Хутински 6 нов
Вар мч. 19 окт
Варнава апостол 11 јун
Варсонуфиј и Јован 6 фев
Варсонуфиј преп. 29 фев
Вартолом. ап.11 јуни, 25 авг
Варух пророк 28 сеп
Васа мч-чка 21 авг
Васијан еп. Лавриски 10 јун
Васијан и Јона преп. 12 јун
Васијан преп. 10 окт
Василија мч-чка 29 авг
Василиј Вел. 1 јан. и 30 јан
Василиј еп. Ам. 26 апр
Василиј еп. Анкир. 22 мар
Василиј Исповед. 26 фев
Василиј Исповедник 12 апр
Василиј и Теод. Печ. 11 авг
Василиј М. Јуродив 2 авг
Василиј Нови преп. 26 мар
Василиј Острошки 29 апр
Василиса дев. мч-чка 3 сеп
Василиса и Анастас. 15 апр
Василиск мч. 22 мај
Вацлав крал Чешки 28 сеп
Венијамин ђакон 11 окт
Вера, Н., Љ. и Соф. 17 сеп
Вероника св. 12 јул
Викентиј ђакон 11 нов
Виктор, Зотик и др. 18 апр
Викторин еп. Патав. 2 нов
Виктор и Стефани. 11 нов
Виктор мч. 23 авг
Висарион арх. Лар. 15 сеп
Висарион преп. 6 јун
Виталиј преп. 22 апр
Витлеемски мч-ци 29 дек
Вит мч. и др. 15 јун
Владимир Јован 22 мај
Владимир кнез Р. 15 јул
Владимир. Божја М. 23 јун
Владислав кр. Срп. 24 сеп
Власиј свешт. мч. 11 фев
Втор Всел. собор 22 мај
Вукол еп. Смирнски 6 фев

Г

Гаврил арх. 26 март и 13 јул
Гаврил Лесновски 15 јан
Гаврил патр. Српски 13 дек
Гајанија мч-чка 30 сеп
Галактион и Епист. 5 ное
Гедеон преп. мч. 30 дек
Генадиј Ватопедски 16 ное
Генадиј Новгородски 4 дек
Генадиј патр. Цар. 31 авг
Гемел мч. 10 дек
Геновева 3 јан
Георгиј в. мч. 23 апр. 3 ное
Георгиј Иверски 30 јун
Георгиј Исповедник 7 апр
Георгиј Лимниот 24 авг
Георгиј Нови Јанин. 17 јан
Георгиј Синаит 11 мар
Георгиј Хозевит 8 јан
Герасим Нови преп. 24 окт
Герасим преп. 4 мар
Герман патр. Царигр. 12 мај
Гликерија мч-чка 13 мај
Голиндуха мч-чка 12 јул
Гордиј мч. 3 јан
Гормиздас мч. 8 авг
Григориј Акрагант. 23 ное
Григориј Богосл. 25 и 30 јан
Григориј Двоеслов 12 мар
Григориј Декапол. 20 ное
Григориј еп. Ермен. 30 сеп
Григориј еп. Ниски 10 јан
Григориј еп. Омирит. 19 дек
Григориј еп. Охрид. 8 јан
Григориј Лаврски 1 окт
Григориј Палама 14 ное
Григориј п. Антиох. 20 апр
Григориј Син. 7 апр. и 8 авг
Григориј Молчалив 7 дек
Григориј Чуд. Неок. 17 ное
Гуриј, Самон и Ав. 15 ное

Д

Давид Гарециски 27 мај
Давид и Константин 2 окт
Давид кнез Српски 24 сеп
Давид разбојник пр. 6 сеп
Давид Солунец 26 јун
Давид цар Грузиски 26 јан
Давид цар Псалмоп. 31 дек
Дада и Говделај 29 сеп
Дамаскин Габровски 16 јан
Дамаскин преп. мч. 13 ное
Дамјан, Еремиј и Мат. 5 окт
Дамјан преп. 23 фев
Данило арх. Српски 20 дек
Данил Перејеславски 7 апр
Данил преп. 17 дек
Данил пророк 17 дек
Данил Скитски 7 јун
Данил Столпник 11 дек
Данил Тасоски 12 сеп
Дванаесет мч-ци 16 фев
Девет маченици 1 авг
Дидим Слепиот 18 окт
Диј преп. 19 јул
Димитриј вел. мч. 26 окт
Димит. е.Р. 12 септ. и 28 окт
Димитриј п. Алекс. 9 окт
Димитриј царче 3 јун
Диодор, Дид. и Ди. 11 сеп
Диомид мч. 16 авг
Дионисиј Ареопагит 3 окт
Дионисиј еп. Алекс. 5 окт
Дионисиј Коринт. 29 ное

Дионисиј Печерски 3 окт
Дионисиј Олимписки 24 јан
Дионисиј преп. 25 јун
Дометиј мч. 7 авг
Домна мч-чка 28 дек
Донат еп. Евриски 30 апр
Доротеј еп. Тирски 5 јун
Доротеј Египет. пр. 16 сеп
Доротеја мч-чка 6 фев
Доситеј преп. 19 фев
Достојно ест икона 11 јун
Дросида света 22 мар
Ђула преп. мч. 15 јун

Е

Еварест преп 26 дек
Евгениј преп. мч. 24 дек
Евгениски мч-ци 22 фев
Евдокија пр. мч-чка 1 мар
Евдоксиј мч. 6 сеп
Евдоким Ватопедски 5 окт
Евдоким св. 31 јул
Евлалиј еп. Кесар. 30 авг
Евлалија мч-чка 22 авг
Евлампиј и Евламп. 10 окт
Евремиј еп. Гортин. 18 сеп
Евнухот на ц. Кандак. 4 јан
Евод апостол 7 сеп
Евпл мч. 11 авг
Евпраксија дев. пр. 25 јул
Евпсихиј мч. 7 септ. и 9 апр
Евсевиј и др. мч-ци 24 апр
Евсевиј преп. 15 фев
Евсевиј еп. Самосат. 22 јун
Евсигниј мч. 5 авг
Евстатиј арх. Српски 4 јан
Евстатиј арх. Ант. 21 фев
Евстатиј Плакида 21 сеп
Евстатиј војник мч. 28 јул
Евстатиј мч. и др. 20 ное
Евстатиј Мцхетски 29 јул
Евтимиј Велики 20 јан
Евтимиј еп. Сардис. 26 дек
Евстохиј, Гај и др. 23 јун
Евстрат., Аксен., Евг., Мар. и Орест 13 дек
Евстратиј Печерски 28 мар
Евстратиј преп. 9 јан
Евсхимон 14 мар
Евталија мч-чка 2 мар
Евтихиј патр. Цари. 6 апр
Евтихиј свешт. мч. 24 авг
Евтимиј еп. Сард. 26 дек
Евтимиј и Неофит 9 ное
Евтимиј Нови преп. 15 окт
Евтроп, Кле. и Вас. 3 мар
Екатерина вел. мч. 24 ное
Елеазар првосвешт. 2 сеп
Елевтериј свешт. мч. 15 дек
Елезвој цар 24 окт
Елена (Олга) кн. Р. 11 јул
Елиј преп. 14 јул
Елисавета преп. 24 апр
Елисеј пророк 14 јун
Еликонида мч-чка 28 мај
Елпидиј и др. мчци 14 ное
Емилијан Доростол. 18 јул
Емилијан Кизи. исп. 8 авг
Емилијан Тревиски. 18 авг
Емилијан преп. 7 мар
Емилија св. 8 мај
Енен, Нирен и Пен 20 јан
Епиктет и Астион 7 јул
Епимах мч. 31 окт
Епифаниј еп. Кипар. 12 мај
Еразмо Охридски 2 јун
Еразмо Печерски 24 фев
Еремија пророк 1 мај
Ерма апостол 31 мај

Ермиј мч. 31 мај
Ермингелд мч. 1 ное
Ермил и Стратоник 13 јан
Ермолај свешт. мч. 26 јул
Ерон мч. 7 ное
Еспер, Зоа и др. 2 мај
Ефимија в.мч. 11 ј. и 16 сеп
Ефрем патр. Антиох. 8 јун
Ефрем патр. Спрски 15 јун
Ефрем Печерски 28 јан
Ефрем Сирин 28 јан
Ефросин преп. 11 сеп
Ефросинија Полоцка 23 мај
Ефросинија преп. 25 сеп
Ефросинија Суздал. 25 сеп

З

Закхеј апостол 20 апр
Захариј патр. Ерус. 21 фев
Захариј преп. 24 мар
Захариј пророк 5 сеп
Зачатие на св. Ана 9 дек
Зер - Јаков 26 авг
Зинаида мч-чка 11 окт
Зиновиј и Зиновија 30 окт
Зинон и Зина 22 јун
Злата мч-чка 13 окт
Зоа и Фотинија 13 фев
Зографски мч-ци 10 окт
Зосим еп. на Н. Вав. 4 јун
Зосим мч. 19 јун
Зосим прп. 4 апр
Зосим пустиник мч. 19 сеп
Зосим Финикиски 9 јун
Зотик преп. мч. 31 дек

И

Ија мч-чка 11 сеп
Игнатиј Богоносец 20 дек
Игнатиј Богоносец 29 јан
Игнатиј еп. Ростовски 28 мај
Игнатиј новомч. 20 окт
Игнатиј патр. Цари. 23 окт
Игор кнез 5 јун
Илариј еп. Поатиски 14 јан
Иларион Велики 21 окт
Иларион еп. Мегл. 21 окт
Иларион Нов 6 јун
Иларион Нов преп. 28 мар
Иларион преп. мч. 20 сеп
Илија Калабриски 17 авг
Илија Египетски, пр. 3 ное
Илија Муромец 19 дек
Илија патр. Ерусал. 20 јул
Илија пророк 20 јул
Илиодор мч. 19 ное
Индиски мач-ци 27 ное
Инокентиј Иркут. 26 ное
Ипатиј еп. Гангри. 31 мар
Ипатиј еп. Ефески 21 сеп
Иполит еп. Р. св.м. 30 јан
Иполит мч. 13 авг
Ираида м-чка 23 сеп
Ираклиј и др. мч-ци 18 мај
Ирина вел. мч-чка 5 мај
Ирина царица 13 авг
Иринеј еп. Лионски 23 авг
Иринеј еп. Сремски 26 мар
Иродион апостол 7 апр
Ирон Филозоф 10 авг
Исаак Сирин преп. 28 јан
Исаак Сирин II преп. 12 апр
Иса еп. Цикллански 2 дек

Исаија Отшелник 3 јул
Исаија пророк 9 мај
Исакиј Далм. и Фауст 3 авг
Исакиј Исповедник 30 мај
Исакиј Печер. преп. 14 фев
Исак Ерменски 20 ное
Исидора јуродива 10 мај

Исидор мч. 14 мај
Исидор Пелусиот 4 фев
Исидор Ростов. јурод. 14 мај
Исихиј Ерус. преп. 28 мар
Исихиј Посник 5 мар
Исихиј Хоривит 3 окт
Исус Навин 1 сеп

Ј

Јакинт мч. 3 јул
Јаков Алфеев апостол 9 окт
Јаков Боровицки 23 окт
Јаков брат Господов 23 окт
Јаков еп. Нисибиски 13 јан
Јаков еп. исповед. 21 мар
Јаков Отшелник 26 ное
Јаков Персијанец 27 ное
Јаков Посник 4 мар
Јаков пр. мч. со уч. 1 ное
Јаникиј Девички 26 апр
Јануари свешт. мч. 21 апр
Јасон, Сосип. и Керк. 28 апр
Језекил пророк 21 јул
Јерон мч. 7 ное
Јеротеј Пелопон. пр. 13 сеп
Јеротеј свешт. мч. 4 окт
Јоаким и Ана 9 сеп
Јоаким Осоговски 16 авг
Јоана мироносица 27 јун
Јоаникиј Велики 4 ное
Јоаникиј п. Српски 3 сеп
Јоасаф преп. мч. 26 окт
Јоасаф принцот 19 ное
Јован Албанец н.мч. 23 сеп
Јован арх. Новгород. 7 сеп
Јован Ветхопештер. 19 апр
Јован војник 30 јул
Јован Вологодски 19 мај
Јован Дамаскин 4 дек
Јован Декаполит 18 апр
Јован Егзарх 31 јул

Јован Зл. 27, 30 јан. 13 ное
Јован Исповедник 27 апр
Јован Еванг. 8 мај и 26 сеп
Јован, Евт. и др. Ив. 13 мај
Јован Калфа 26 фев
Јован Касиан 29 фев
Јован Колов 9 ное
Јован Критски н.мч. 15 сеп
Јован Крст. 7 јан., 24 фев
29 авг. и 23 сеп
Јован Кукузел 1 окт
Јован Кушник 15 јан
Јован Лествичник 30 мар
Јован Милостив 12 ное
Јован митр. Евхаит. 14 јун
Јован митр. Киевски 31 авг
Јован многустрад. 18 јул
Јован Нови Сочавски 2 јун
Јован Отшелник 19 јун
Јован Посник п. Цар. 2 сеп
Јован преп. мч. 20 мар
Јован Видовит 27 мар
Јован Психаит 26 мај
Јован пустиник 29 мар
Јован Рилски 18 авг
Јован Схоластик 21 фев
Јован Молчалив 3 дек
Јован Устјужски јур. 29 мај
Јован Хозевит 3 окт
Јов Блажен 6 мар
Јов Многустрадален 6 мај
Јоил пророк 21 дек

Јона арх. Новгород. 5 ное
Јона митр. Москов. 31 мар
Јона презвитер 22 сеп
Јона пророк 22 сеп
Јордан новомаченик 2 фев
Јосиф Ариматејски 31 јул
Јосиф еп. Алаваред. 15 сеп
Јосиф новомаченик 4 фев
Јосиф Песнописец 4 апр
Јосиф Праведен 31 дек
Јувеналиј патр. Ерус. 2 јул
Јувентин и Максим. 5 сеп
Јуда апостол 19 јун
Јулија девица мч-чка 16 јул
Јулија и Јулијан пр. 21 јун

Јулијана и 630 м-ци 21 јун
Јулијан и Дидим 18 окт
Јулијан Далмат. мч. 28 јул
Јулијан и Василиса 8 јан
Јулијан еп. Кеноман. 13 јул
Јулијан Еуфратски 18 окт
Јулијан, Маркиј. и др. 9 авг
Јулијан мч. со 40 др. 12 сеп
Јулијан Подагрик 27 фев
Јилијанија девица 6 јул
Јулијан Тарсанин 19 окт
Јулита мч-чка 31 јул
Јустинијан цар 14 ное
Јустин мч. 1 јун
Јустин Филозоф мч. 1 јун

К

Калија св. 12 фев
Калиник мч. 29 јул
Калиопиј мч. 7 апр
Калист мч. 22 ное
Калист патр. Царигр. 20 јун
Калистрат мч. 27 сеп
Калишка Б. Мајка 2 и 8 сеп
Карејски преп. мч. 5 дек
Карион и Захариј 5 дек
Карп апостол 26 мај
Карп и Папила 13 окт
Касиан Јован 29 фев
Келестин папа Римски 8 апр
Кетевана мч-чка 13 сеп
Кизички м-ци 29 апр
Киево-печ. св. соб. 21 сеп
Кикилија мч-чка 22 ное
Кипријан еп. Картаг. 31 авг
Кипријан и Јустина 2 окт
Кипријан м. Киев. 16 сеп
Кипријан Н. преп. мч. 5 јул
Кириакија и др. мч-ци 7 јун
Кириак Отшелник 29 сеп
Кир и Јован 31 јан. и 28 јун

Кирик и Јулита 15 јул
Кирил арх. Александ. 9 јун
Кирил арх. Еруса. 18 мар
Кирил Белозерски 9 јун
Кирил еп. Гортински 9 јул
Кирил еп. Катански 21 мар
Кирил и Методиј 11 мај
Клеопа, Терциј и др. 30 окт
Климент арх. Охрид. 27 јул
Климент еп. Анкир. 23 јан
Климент еп. Рим. 25 ное
Кодрат апостол 21 сеп
Кодрат Коринт. мч. 10 мар
Кодрат Никомид. мч. 10 мар
Козма Зограф. пр. 22 сеп
Козма и Дамјан 1 јул
17 окт. 1 ное
Козма Мајумски 12 окт
Козма равноапост. 4 авг
Козма Скопен 3 авг
Конкордиј мч. 4 јун
Конон Бавчанџија 5 мар
Конон и Конон 6 мар
Конон Исавриски 5 мар

Констант. еп. Синад.	26 дек
Константин м. Киев.	5 јун
Константин н.мч-ник	2 јун
Константин и Елена	21 мај
Корнилиј Перејасл.	22 јул
Корнилиј Сотник	13 сеп
Корнут свешт. мч.	12 сеп
Крискент мч.	13 апр
Критски 10 мч-ци	23 дек
Крстовден	14 сеп
Ксенија преп.	24 јан
Ксенофон и Марија	26 јан
Купјат. ик. на Б. М.	15 нов
Кукша и Пимен	27 авг

Л

Лав еп. Катански	20 фев
Лав папа Римски	18 фев
Лаврентиј архиђакон	10 авг
Лазар Галасиски	7 нов
Лазар кнез мч.	15 јун
Лазар Нов мч.	23 апр
Лазар Четиридневен	17 окт
Лампад преп.	5 јул
Левкиј еп.	20 јун
Левкиј, Тирс и Кал.	13 окт
Леонид мч. и др.	6 апр
Леонид мч.	22 апр
Леонид Устнедум.	17 јул
Леонила мч-чка	16 јан
Леонтиј мч.	18 јун
Леонтиј Никоп. мч.	10 јул
Леонтиј Видовит	18 јун
Лидска Божја Мајка	26 јун
Лонгин мч.	16 окт
Лонгин преп.	16 окт
Лот Праведен	9 окт
Лот преп.	22 окт
Луарсаб кнез мч.	21 јун
Лука и Никола	24 апр
Лука Евангелист	18 окт
Лука Јеладски	7 фев
Лука Столпник	11 дек
Лукијан Антиох. мч.	15 окт
Лукија мч-чка	6 јул
Лукијан свешт. мч.	3 јун
Лукијан мч. и др.	3 јун
Луп мч.	23 авг
Луција мч-чка	13 окт

Љ

Људмила мч-чка	16 сеп

М

Маврикиј і 70 војн.	22 фев
Маврикиј цар	28 нов
Макавеј	1 авг
Макариј Александр.	19 јан
Макариј Велики	19 јан
Макариј преп. мч.	6 окт
Макариј Солунски	14 сеп
Македониј преп.	24 јан
Макед., Тат. и Те.	12 сеп
Макрина преп.	19 јул
Макрина св.	30 мај
Макровиј и Горд.	13 сеп

Максим Грк	21 јан
Максим, Да. и Квин.	28 апр
Максим Капсокал.	13 јан
Максим исповедник	21 јан
Максим десп. и арх.	18 јан
Малахиј пророк	3 јан
Малх преп.	26 мар
Мамант мч.	2 сеп
Мануил, Сав. и Исм.	17 јун
Мар преп.	25 јан
Марија Египетска	1 апр
Марија Магдалина	22 јул
Маријамна св.	17 фев
Марија Палестинска	29 сеп
Марија преп.	12 фев
Марија Тарсиска	14 сеп
Марина мч	17 јул
Марин и Астериј	7 авг
Марин и Марта	6 јул
Марин мч.	17 мар
Маркела мч-чка	22 јул
Маркел еп. Апамеј.	14 авг
Маркел и Касијан	4 сеп
Маркелин папа	7 јун
Маркел папа	7 јун
Маркел Сириски пр.	29 дек
Маркијан и Март.	25 окт
Маркијан Кирски	2 ное
Маркијан	10 јан
Марко, Ар. и Зин.	27 сеп
Марко архиеп. Еф.	19 јан
Марко гр. и Теофил	29 дек
Марко еп. Аретус.	29 мар
Марко Евангелист	25 апр
Марко Пастир	28 сеп
Марко подвижник	5 мар
Марко Трачевски	5 апр
Марта Дивногорска	4 јул
Марта и Марија	4 јун
Марта, Мари. и Лик.	6 фев
Мартин еп. Турски	12 окт
Мартин и Ираклиј	5 мај
Мартинијан преп.	13 фев
Мартин папа	14 апр
Марут св.	16 фев
Мастридија девица	24 ное
Мастридија преп.	7 фев
Матеј Евангелист	16 ное
Матија апостол	9 авг
Матрона мч-чка	27 мар
Матрона Цар. пр.	9 ное
Меланија преп.	31 дек
Мелетиј арх. Ант.	12 фев
Мелетиј Стратилат	24 мај
Мелитон еп. Сард.	1 апр
Мелхиседек цар	22 мај
Мемнон чудотворец	29 апр
Менигнос мч.	22 ное
Меркуриј вел. мч.	24 ное
Методиј еп. Патар.	20 јун
Методиј патр. Цар.	14 јун
Милутин кр. Српски	30 окт
Мина вел. мч.	11 ное
Мина, Ерм. и Евграф	10 дек
Мина патр. Царигр.	25 авг
Минод., Митр., Ним.	10 сеп
Миракс мч.	11 дек
Мирон Критски	8 авг
Мирон презвитер мч.	17 авг
Миропија мч-чка	2 дек
Митрофан Ворон.	23 ное
Митрофан патр. Цар.	4 јун
Михаил арх.	6 сеп, 18 ное
Михаил Борис цар	2 мај
Михаил војник	22 ное
Михаил еп. Синадски	23 мај
Михаил и Теодор	20 сеп
Михаил јуродив	11 јан
Михаил Малеин	12 јул
Михаил м. Киевски	30 сеп
Михаил преп. мч.	23 мај
Михеј I пророк	5 јан
Михеј пророк	14 авг
Млекопитатељн. ик.	12 јан
Модест п. Цариград.	18 дек
Мојсеј Боговидец	4 сеп

Мојсеј Мурин 28 авг
Мојсеј Угрин 26 јул
Мокиј свепт. мч. 11 мај
Муза девица 16 мај

Н

Назар, Герв. и Прот. 14 окт
Нан Солунски мч. 29 мај
Наркис патр. Ерус. 7 авг
Натанаил преп. 27 ное
Наум Охрид. 23 дек. 20 јун
Наум пророк 1 дек
На сите тажни рад. 24 окт
Недела вел. мч-чка 7 јул
Нектариј Битолски 5 дек
Нектариј п. Цариг. 11 окт
Нектариј пр. н.мч. 11 јул
Неофит мч. 21 јан
Нерак. ик. на ГИХ 16 авг
Нестор Летописец 27 окт
Нестор мч. 27 окт
Нестор свепт. мч. 28 фев
Никандар мч. 15 мар
Никандар свепт. мч. 4 ное
Никита Готски мч. 15 сеп
Никита еп. Ремес. 24 јун
Никита Исповедник 3 апр
Никита новомч. 4 апр
Никита Печерски 31 јан
Никита Столпник 24 мај
Никита Угод. Божји 9 сеп
Никита Халк. испов. 28 мај
Никифор мч. 9 фев
Никифор п. Цар. 13 мар
Никифор п. Цар. исп... 2 јун
Никифор преп 4 мај
Никодим арх. Пеќски 11 мај
Никодим Елб. н.мч. 11 јул
Никола војвода 24 дек
Никола еп. Патарски 6 дек
Никола Критски исп. 4 фев
Никола Караман мч. 6 дек
Никола Мистик 16 мај
Никола новомч. 16 мај
Никола Пант. н.мч. 23 сеп
Никола Хиоски мч. 31 окт
Никола Хрисоверг 16 дек
Николај Мирликиски 6 дек
Николај еп. Пат. 6 дек, 9 мај
Николај Новг. јурод. 27 јул
Николај Псов. јур. 28 фев
Никомид. м-и (1003) 7 фев
Ником. 20000 мч-ци 28 дек
Никон Печер. преп. 23 мар
Никон Покајник 26 ное
Никон Радонежски 17 ное
Никон свешт. мч. 23 мар
Никон Сувиот 11 дек
Нил Калабр. преп. 26 сеп
Нил Мироточив 12 ное
Нил Синајски 12 ное
Нил Столбенски 7 дек
Нина Грузиска св. 14 јан
Нифонт еп. Новгород. 8 апр
Нифонт п. Цариград. 11 авг
Нифонт преп. 14 јун
Нона св. 5 авг
Нон еп. Илиопол. 10 ное

О

Обрезание Господово 1 јан
Одигитрија икона 26 јун
Олимп и др. ап. 10 ное
Олимпијада ѓакон. 25 јул

Онисим апостол 15 фев
Онисифор апостол 7 сеп
Онисифор и Порфи. 9 ное
Онуфриј Велики 12 јун
Онуфриј преп. мч. 4 јан
Оренгиј и др. мч-ци 24 јун
Орест мч. 10 ное
Ор преп. 7 авг
Осиј еп. Кордовски 27 авг
Осиј пророк 17 окт
Оци Грузиски 7 мај
Оци Синај. и Раит. 14јан

П

Павле апостол 29 јун
Павле и Јулијана 4 мар
Павле Ксиропотам. 28 јул
Павле Латриски 15 дек
Павле Неволник 3 апр
Павле патр. Цариг. 6 ное
Павле Припрост 4 окт
Павле Тивејски 15 јан
Павлин еп. Нолски 23 јан
Падот на Цариград 29 мај
Пајсиј Велики 19 јун
Пајсиј и Исаија 18 јул
Пајсиј Српски пр. мч. 17 дек
Паладиј преп. 28 јан
Памво преп. 18 јул
Панкратиј еп. Тавром. 9 јул
Панкратиј мч. 12 мај
Пансофиј мч. 15 јан
Пантелејмон вел. мч. 27 јул
Панхариј мч. 19 мар
Папиј еп. Ерапол. 22 фев
Парамон мч. 29 ное
Параскева - Петка преп. мч. 26 јули, 28 окт
Пард Отшелник 15 дек
Партениј еп. Ламис. 7 фев
Пасикрат и Валентин 24 апр
Пасипрат и др. м-ци 25 мај
Патапиј преп. 8 дек
Патермутиј и Коприј 9 јул
Патрициј еп. Бугар. 19 мај
Петров и др. ап-ли 5 ное
Патрокле мч. 17 авг
Пафнутиј Боровски 1 мај
Пафнутиј Исповед. 11 сеп
Пафнутиј Кефалас 25 фев
Пафнутиј мч. 25 сеп
Пафнутиј преп. 25 ное
Пафнутиј преп. 27 мар
Пахомиј Велики 15 мај
Пахомиј преп. мч. 21 мај
Певсип, Елев. и Мал. 16 јан
Пелагија дев. мч-чка 8 окт
Пелагија мч-ка и др. 25 мар
Пелагија покајничка 8 окт
Пелагија Тарсанка 4 мај
Перпетуа мч-ка и др. 1 фев
Петар Авесаломит 12 јан
Петар апостол 29 јун
Петар ап. *вериги* 16 јан
Петар Атонски 12 јун
Петар Галатијан 1 фев
Петар Дамаскин 9 фев
Петар, Дионисиј и др. 18 мај
Петар еп. Алексанр. 25 ное
Петар Коришки 5 јун
Петар Милостив 22 сеп
Петар митр. Руски 21 дек
Петар патрициј 1 јул
Петар цар Бугарски 30 јан
Петар царчето 30 јун
Петар Цетински 18 окт
Петти вселенски с. 24 јул
Петка - Параскева пр. 14 окт

Петнае. илј. п. мч-ци 16 јул
Петнаесет Т.с.мч-ци 28 ное
Печерски бого. С. 28 авг
Пиамука св. 3 мар
Пимен Велики 27 авг
Пимен Многуб. 7 авг
Пимен Палестински 27 авг
Пинуфриј преп. 27 ное
Пиониј мч. 11 мар
Пиор преп. 17 јун
Плакила царица 14 сеп
Платон мч. 18 ное
Појас на св. Богород. 31 авг
Покров на св. Богород. 1 окт
Полиевкт мч. 9 јан
Полиевкт п. Царигр. 5 фев
Поликарп Печерски 24 јул
Поликарп св. мч. 23 фев
Полихрониј еп. Вав. 30 јул
Полихрониј мч. 7 окт
Понтиј мч. 5 авг
Порхириј еп. Газки 26 фев
Порфириј мч. 15 сеп
Потин еп. Лионски 23 авг
Потит мч. 1 јул
Почаевска Бо. Мајка 8 сеп
Прв Вселенски Соб. 9 мај
Преображение 6 авг
Прокес и Мартин. 10 апр
Прокл и Илариј 12 јул
Прокл патр. Цариг. 20 ное
Прокопиј вел. мч. 8 јул
Прокопиј Декапол. 27 фев
Прокопиј јуродив 8 јул
Прокопиј Чех 1 апр
Протериј св. мч. 28 фев
Прохор Лободник 10 фев
Прохор, Никанор, Тимон, Пармен, апостоли 28 јул
Прохор Пчински 19 окт
Публиј преп. 25 јан
Публиј свешт. мч. 13 мар
Пулхерија царица 10 сеп

Р

Разумник мч. 12 дек
Ризата на ГИХ 10 јул
Риза на Св. Богород. 2 јул
Рипсимија мч-чка 30 сеп
Рожд. на св. Богород. 8 сеп
Рождество Христово 25 дек
Роман и Варул мч. 18 ное
Роман и др. мч-ци 29 јан
Роман Слаткопевец 1 окт
Роман Чудотворец 27 ное
Ромил мч. 6 сеп
Ромил преп. 16 јан

С

Собор на св. апост. 30 јун
Собор на Св. Богор. 26 дек
Сава арх. Срп. 14јан., 27 апр
Сава 2 арх. Српски 8 фев
Сава Готски 15 апр
Сава Освештен 5 дек
Сава Псковски 28 авг
Сава Сторожевски 3 дек
Сава Стратилат 24 апр
Саваитски пр. мч-ци 16 мај
Саватиј и Зосим Сол. 17 апр
Саватиј Соловецки 27 сеп
Савин мч. 16 мар
Садон свешт. мч. 20 фев

АЗБУЧНИК

Саломија мироносица	3 авг
Сампсон Страпопр.	27 јун
Самоил пророк	20 авг
Сара Египетска пр.	13 јул
Свети три жени	10 сеп
Севастија мч-чка	24 окт
Севастијан мч.	18 дек
Севир презвитер	27 јун
Севиријан мч.	9 сеп
Седумдесет апостоли	4 јан
Седумдесет мч-ци	5 сеп
Седум отроци во Ефес	4 авг
Седми вселенски со.	11 окт
Сенуфиј преп.	28 јун
Серапион преп.	21 мар
Серапион Синдонит	14 мај
Серафима мч-чка	29 јул
Серафим Саровски	2 јан
Сергиј и Вакх	7 окт
Сергиј Малопинеж.	16 ное
Сергиј Радонежски	25 сеп
Серид преп.	13 авг
Сила, Силу. и др. ап.	30 јул
Силвестер еп. Римски	2 јан
Силуан еп. Газки	4 мај
Силуан преп.	15 мај
Симеон апостол	27 апр
Симеон Богопримец	3 фев
Симеон Бос	19 апр
Симеон Стариот	26 јан
Симеон Дивногорец	24 мај
Симеон еп. Персиски	17 апр
Симеон и Јован	21 јул
Симеон Метафраст	9 ное
Симеон Мироточив	13 фев
Сиемон Н. Богослов	12 мар
Симеон Столпник	1 сеп
Симеон Зилот ап.	10 мај
Симон преп.	28 дек
Синклитија преп.	5 јан
Сира мч-чка	24 авг
Сисој Велики	6 јул
Созонт мч.	7 сеп
Собор на св. српски просвет. и учители	30 авг
Созонт мч.	7 сеп
Солохон мч.	17 мај
Состен и др. апост.	8 дек
Софониј пророк	3 дек
Софрониј арх. Кипар.	9 дек
Спиридон и Никод.	31 окт
Спиридон Ч. 12 дек.,	30 авг
Сретение Господово	2 фев
Стамат мч.	16 авг
Стахиј и др. апост.	31 окт
Стеван Висок	19 јул
Стефан деспот Срп.	9 окт
Стефан еп. Владим.	27 апр
Стефан еп. Пермски	26 апр
Стефан крал Дечан.	11 ное
Стефан првовенчан	24 сеп
Стефан Нов	28 ное
Стефан Н.свет. преп.	9 дек
Стефан папа Римски	2 авг
Стефан патр. Цариго.	17 мај
Стефан Пиперски	20 мај
Стефан прв. 2 авг. и	27 дек
Стефан преп.	27 фев
Стефан Саваит	13 јул
Стефан Саваит	28 окт
Стефан Сурожски	15 дек
Стефан Штиљановиќ	4 окт
Стилијан преп.	26 ное
Сто и 20 мч-ци Перс.	6 апр
Сто 50 и шест мч.	17 сеп
Сто 53 мч. во Трак.	24 јул
Студиј Блажен	20 јун
Сузана мч-чка	11 авг

Т

Тавита св.	25 окт
Тадеј апостол	21 авг
Тајса блажена	10 мај
Таиса покајничка	8 окт
Таксиот оживеан	28 мар
Талалеј мч.	20 мај
Талалеј преп.	27 фев
Талалеј и Лиманиј	22 фев
Тарасиј патр. Цари.	25 фев
Тарах, Пров и Анд.	12 окт
Татијана мч-чка	12 јан
Татион мч.	24 авг
Татион мч.	24 авг
Текла првомач-чка	24 сеп
Темистокле мч.	21 дек
Теогност м. Киевски	14 мар
Теодора Алексан. пр.	12 јан
Теодора и Дид. мч-ци	27 мај
Теодора Кесар. преп.	30 дек
Теодора покајничка	11 сеп
Теодора Солунска	29 авг
Теодора Цариг. преп.	30 дек
Теодора царица	11 фев
Теодор Арх. Алексан.	3 дек
Теодор еп. Едески	9 јул
Теодор и Јован	12 јул
Теодор и Теоф. Нац.	27 дек
Теодорит свешт. мч.	8 мар
Теодор јуродив	19 јан
Теодор кн. Јарослав.	19 сеп
Теодор мч.	21 апр
Теодор осветтен	16 мај
Теодор пустиник	5 јун
Теодор Сикеот	22 апр
Теодор Тирон	17 фев
Теодор Стр.	8 фев и 8 јун
Теодор Студит	11 ное
Теодор Тирон	17 фев
Теодор Трихина	20 апр
Теодосија пр. мч-чка	29 мај
Теодосија Тирска	29 мај
Теодосиј Бугар пр.	17 фев
Теодосиј Вел. преп.	11 јан
Теодосиј Велики цар	17 јан
Теодосиј Печерски	3 мај
Теодот Анкирски	7 јун
Теодота св.	2 јан
Теодот, Аскл. и Мак.	15 сеп
Теодотија мч-чка	29 јул
Теодотија мч-чка	17 сеп
Теодотија со децата	22 дек
Теодот еп. Киринис.	2 мар
Теодот мч.	18 мај
Теодула мч-чка	5 фев
Теодул преп.	3 дек
Теоктиса Пароска	9 ное
Теоктист преп.	3 сеп
Теопемт и Теона	5 јан
Теотекн мч.	10 окт
Теофанија царица	16 дек
Теофан исповедник	12 мар
Теофан Јанин. преп.	19 авг
Теофан Милостив	29 сеп
Теофан Нацртан	11 окт
Теофан Посник	9 сеп
Теофилакт еп. Ником.	8 мар
Теофилакт Охридски	31 дек
Теофилеј еп. Антиох.	6 дек
Теофил Исповедник	10 окт
Теофил нови	30 јан
Теофил Мироточив	8 јул
Терапонт еп. Кипар.	25 мај
Терапонт еп. Сард.	27 мај
Теренциј мч.	10 апр
Теренциј мч.	28 окт
Тесалон. и др. мч-ци	7 ное
Тибал мч.	28 апр
Тигриј и Евтропиј	16 јун
Тимон апостол	30 дек
Тимотеј апостол	22 јан
Тимотеј еп. Бугар.	10 јун
Тимотеј Есфигмен.	29 окт

Тимотеј и др. мч-ци 19 авг
Тимотеј и Мавра 3 мај
Тимотеј Егип. и др. 12 јун
Тимотеј преп. 27 фев
Тиридат цар 29 ное
Тирс, Левкиј, и Кал. 14 дек
Тит апостол 25 авг
Титој преп. 26 авг
Тит Печер. 27 јан и 27 фев
Тит чудотворец 2 апр
Тихон еп. Аматунт. 16 јун
Тихон Задонски 13 авг
Тихвинска Б. Мајка 26 јун
Тома апостол 6 окт
Тома Дефуркин 10 дек
Томаида мч-чка 13 апр
Тома јуродив 24 апр
Тома Малеин 7 јул
Тома патр. Цариг. 21 мар
Трет вселенски с. 9 сеп
Триандафил и Спасо 8 авг
Три девици 20 ное
Трифена мч-чка 31 јан
Трифилиј Кипарски 13 јун
Трифун мч. 1 фев
Трифун патр. Цариг. 19 апр
Троадиј мч. 2 мар
Трофим и др. мч-ци 19 сеп
Трофим и Тал 16 мар
Трофим и Теофил 23 јул

У

Улпијан мч. 3 апр
Урошица кнез Срп. 11 ное
Урош цар Српски 2 дек
Успение на Св. Бог. 15 авг

Ф

Фавиј еп. Римски 5 авг
Фануриј мч. 25 авг
Фауста мч-чка 6 фев
Февронија пр. мч-ка 25 јун
Фелицита мч-ка и с. 25 јан
Фервута мч-чка 4 апр
Филарет Милостив 1 дек
Филимон ап. и др. 22 ное
Филимон и др. мч-ци 14 дек
Филип апостол 11 окт
Филип апостол 14 ное
Филип еп. Иракл. 20 авг
Филип митр. Москов. 9 јан
Филон еп. Кипарски 24 јан
Филором исповед. 9 мар
Философ мч. 31 мај
Филотеј Македонец 21 окт
Филотеј преп. 15 сеп
Флавијан п. Цариг. 18 фев
Флор еп. Амински 18 дек
Флор и Лавр 18 авг
Фока Градинар 22 сеп
Фока св. мч. 22 јул и 22 сеп
Фотиј м. Московски 2 јул
Фотиј патр. Царигр. 6 фев
Фотина мч-чка 20 мар
Фронтасиј 4 јун
Фрументиј Абисин. 30 ное

Х

Харалампиј св. мч.	10 фев
Харитон Исповед.	28 сеп
Харитина мч-чка	5 окт
Херсонски св. мч-ци	7 мар
Хрисант и Д. мч-ци	19 мар
Христина мч-чка	24 јул
Христина Персиј.	13 мар
Христифор мч.	9 мај
Христо мч.	28 ное
Христоф. и др. мч-ци	19 апр
Христофор преп.	30 авг

Ч

Чесниот Крст	1 авг
Четврт вселен. соб.	16 јул
Четиристотини мч-ци	2 мар
Четириесет Сев.м.	9 мар

Ш

Шести вселен. собор	16 јул
Шест илј. м-ци Груз.	10 апр

Издава
Македонска православна црква
Издавачка установа „*Канео*“ при
Дебарско-кичевска епархија – Охрид

Превод од српски јазик
Протојереј–ставрофор **Ефтим Бетински**

Рецензент
Митрополит Дебарско-кичевски Тимотеј

Уредник и компјутерска обработка
Протојереј–ставрофор Ефтим Бетински

Лектура
Проф. д–р Стојан Ристески

Корица: Павел Крцоски

Печат: „Ирис“ – Струга

Тираж: 1 000 примероци

Издавачка установа „Канео“ – Охрид

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

271.2-36:929
271.2-287

НИКОЛАЈ, епископ
Охридски пролог : житија, размислувања и беседи / епископ Николај ; превел [од српски јазик] протојереј-ставрофор Ефтим Бетински. - Охрид : Канео, 2014. - 1270 стр. ; 25 см
Предговор / митрополит Дебарско-кичевски Тимотеј: стр. [3-4]. - Зборови и изрази што се среќаваат во Прологот, а се недоволно познати за поширокиот круг на читатели / составил Стојан Ристески: стр. 207-213. - Азбучник на светителските имиња и празниците во "Житијата на светиите": стр. [1239-1255]

ISBN 978-608-4657-12-5

а) Светци - Житија
COBISS.MK-ID 96216586